ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД С. I С., ООКК, како првостепен кривичен суд преку судијата Добрила Кацарска како претседател на советот, судијата Дарко Тодоровски како член на советот и судиите поротници Зоран Јовановски, Сузана Филиќ и Драган Филиповски како членови на советот, со записничар Гордана Стојановска судски службеник, постапувајќи по обвинителниот акт на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција КО.бр.66/17 од 27.03.2018 година кој беше поднесен против обвинетите Крсто Мукоски од с.В., С., Сашо Василевски од О., Љубен Арнаудов од О., Љупчо Димовски од С., Јохан Тарчуловски од С., Митко Чавков од С., Митко Пешов од К., Душко Лазаров од С., Горан Ѓошевски-Леви од С., Оливер Поповски од С., Мунир Пепиќ од с.Б., С., С., Абдуљфета Алими од с.О., Л., К., Елена Доцевска Божиновска од К., Иван Цветановски од С., Борис Дамовски од С., Богдан Илиевски од О., Владо Јовановски од С., Игор Дурловски од С., Стефан Младеноски од С., Михаел Младеноски од С., Захарие Симовски од С., Младен Додевски од С., Јане Ченто од П., Горанче Анѓеловски од В., Игор Југ од К., Илија Славевски од В., Влатко Трајковски од с.Д., С. и Вилијам Михајловски од К., за кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ, Оливер Радулов од С. и Сашо Марковски од С., за кривично дело Терористичко Загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 в.в. чл.24 од КЗ, потоа обвинителниот акт на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција КО.бр.66/17 од 09.05.2018 година против обвинетиот Никола Митревски-Кољо од С., за кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ и обвинителниот акт на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција КО.бр.66/17 од 20.07.2018 година против обвинетите Александар Василевски-Нинџа од С. и Митре Питроповски од С. за кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ, по одржаната главна, јавна и усмена расправа која започна на ден 22.08.2018, а продолжи на ден 23.08.2018 година, на ден 24.08.2018 година, на ден 27.08.2018 година, на ден 31.08.2018 година, на ден 06.09.2018 година, на ден 07.09.2018 година, на ден 13.09.2018 година, на ден 19.09.2018 година, на ден 21.09.2018 година, на ден 25.09.2018 година, на ден 02.10.2018 година, на ден 04.10.2018 година, на ден 09.10.2018 година, на ден 16.10.2018 година, на ден 17.10.2018 година, на ден 22.10.2018 година, на ден 25.10.2018 година, на ден 29.10.2018 година, на ден 30.10.2018 година, на ден 02.11.2018 година, на ден 05.11.2018 година, на ден 06.11.2018 година, на ден 08.11.2018 година, на ден 12.11.2018 година, на ден 13.11.2018 година, на ден 15.11.2018 година, на ден 16.11.2018 година, на ден 21.11.2018 година, на ден 27.11.2018 година, на ден

28.11.2018 година, на ден 29.11.2018 година, на ден 30.11.2018 година, на ден 03.12.2018 година, на ден 04.12.2018 година, на ден 06.12.2018 година, на ден 10.12.2018 година, на ден 11.12.2018 година, на ден 13.12.2018 година, на ден 14.12.2018 година, на ден 17.12.2018 година, на ден 20.12.2018 година, на ден 21.12.2018 година, на ден 26.12.2018 година, на ден 31.01.2019 година, на ден 04.02.2019 година, на ден 06.02.2019 година, на ден 08.02.2019 година, на ден 11.02.2019 година, на ден 15.02.2019 година, на ден 18.02.2019 година, на ден 19.02.2019 година, на ден 21.02.2019 година и на ден 22.02.2019 година, во присуство на Јавниот обвинител Вилма Русковска од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, обвинетите Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски-Леви, Оливер Поповски, Оливер Радулов, Мунир Пепиќ, Абдуљфета Алими, Игор Дурловски, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Никола Митревски-Корљо и Александар Василевски-Нинџа, бранителот на обвинетиот Митко Чавков, Сашко Дуковски адвокат од С. бранителите на обвинетиот Митко Пешов, Панче Тошковски и Павлина Зефиќ адвокати од С., бранителот на обвинетите Душко Лазаров и Александар Василевски-Нинџа, Звонко Давидовиќ адвокат од Адвокатско друштво „Давидовиќ и Јанковиќ“ од С., бранителот на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви, Ружица Николовска адвокат од С., бранителот на обвинетиот Оливер Поповски, Панче Нефтенов адвокат од С., бранителот на обвинетите Оливер Радулов и Младен Додевски, Гоце Ристески адвокат од С., бранителот на обвинетите Мунир Пепиќ и Игор Дурловски, Еленко Миланов адвокат од С., бранителот на обвинетите Абдуљфета Алими и Јане Ченто, Донче Наков адвокат од Адвокатско друштво „Наков и Бошков“ од Ш., бранителот на обвинетиот Горанче Анѓеловски, Драган Пешевски адвокат од С., бранителите на обвинетиот Игор Југ, Сашо Јанев адвокат од С. и Нинослав Јакимовски адвокат од К., бранителот на обвинетиот Влатко Трајковски, Биљана Стојановиќ адвокат од С., поставена по службена должност, бранителот на обвинетиот Вилијам Михајловски, Нинослав Јакимовски адвокат од К., бранителите на обвинетиот Никола Митревски-Корљо, Гоце Ристески и Петар Василев адвокати од С. и Јаким Наумов адвокат од адвокатско друштво „Наумов, Менкиноски и партнери“ ја донесе, а на ден 15.03.2019 година јавно ја објави следната

## П Р Е С У Д А

I

ОБВИНЕТИТЕ:

МИТКО ЧАВКОВ со ЕМБГ ..., од татко И., мајка З., роден на ... година во с.Н. С., со адреса на живеење на ул.„...“ ... С., женет, татко на две полнолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело

МИТКО ПЕШОВ со ЕМБГ ..., од татко Б., мајка Г., роден на ... година во К., со адреса на живеење на ул.„...“ бр... К., со лична карта број ... издадена од МВР К., женет, татко на две деца, од кои едно малолетно и едно полнолетно, Македонец, државјанин на РСМ , неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

ДУШКО ЛАЗАРОВ со ЕМБГ ..., од татко С., мајка М., роден на ... година во К., со адреса на живеење на ул.„...“ бр... С., со лична карта број ... издадена од МВР С., женет, татко на две полнолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, не осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

ГОРАН ЃОШЕВСКИ-ЛЕВИ со ЕМБГ ..., од татко А., мајка С., роден на .. година во С., со адреса на живеење на ул.„...“ бр.. влез .. стан .. С., со лична карта број ... издадена од МВР С., женет, татко на две полнолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

ОЛИВЕР ПОПОВСКИ со ЕМБГ ..., од татко Б., мајка А., роден на ... година во С., со адреса на живеење на бул.„...“ бр.., С., со лична карта број ... издадена од МВР С., женет, татко на две малолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело,.

ОЛИВЕР РАДУЛОВ со ЕМБГ ..., од татко Љ., мајка Л., роден на ... година во С., со адреса на живеење на ул.„...“ бр..., С., со лична карта број ... издадена од МВР С., женет, татко на две малолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

МУНИР ПЕПИЌ со ЕМБГ ..., од татко Х., мајка С., роден на ... година во С., со адреса на живеење на ул. „...“ бр... с.Б., С., со лична карта број ... издадена од МВР С., женет, татко на две малолетни и едно полнолетно дете, Бошњак, државјанин на РСМ., неосудуван, се води постапка за друго кривично дело.

АБДУЉФЕТА АЛИМИ со ЕМБГ ..., од татко А., мајка Н., роден на .... година во Општина Л., с.О., со адреса на живеење во с.О. бб, Општина Л., со лична карта број ... издадена од МВР К., женет, татко на две полнолетни деца, Албанец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

МЛАДЕН ДОДЕВСКИ со ЕМБГ ..., од татко Б., мајка М., роден на ... година во С., каде и живее на ул.„...“ бр..., женет, татко на едно малолетно дете, Македонец, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

ЈАНЕ ЧЕНТО со ЕМБГ ..., од татко К. мајка В., роден на ... година во П., каде и живее на ул.„...“ бр... П., со лична карта број ... издадена од МВР П., женет, татко на едно малолетно дете, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

ГОРАНЧЕ АНЃЕЛОВСКИ со ЕМБГ ..., од татко К., мајка Б., роден на ... година во В., каде и живее на ул.„...“ бр..., В., со лична карта број ... издадена од МВР В., женет, татко на едно полнолетно и две малолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

ИГОР ЈУГ со ЕМБГ ..., од татко С., мајка Д., роден на ... година во К/, каде и живее на ул.„...“ бр.., К., живее во вонбрачна заедница, татко на четири деца од кои две малолетни деца, Хрват, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

ВЛАТКО ТРАЈКОВСКИ со ЕМБГ ..., од татко Л., мајка Ј., роден на ... година во С., каде и живее на ул.„...“ бр..., с.Д., С., а по лична карта на ул.„...“ бр..., с.Д., С., со лична карта број ... издадена од МВР С., женет, татко на две малолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

ВИЛИЈАМ МИХАЈЛОВСКИ со ЕМБГ ..., од татко М., мајка Н., роден на ... година во К., каде и живее на ул.„...“ бр..., со лична карта број ..., Македонец, неженет, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

НИКОЛА МИТРЕВСКИ - КОЉО со ЕМБГ ..., од мајка С., роден на ... година во С., каде и живее на ул.„...“ бр.., женет, татко на две малолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, осудуван, не се води друга постапка.

АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВСКИ - НИНЏА со ЕМБГ ..., од татко М., мајка М., роден на ... година во С., каде и живее на ул.„...“ бр..., женет, татко на едно малолетно дете, Македонец, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

ВИНОВНИ СЕ

ЗАТОА ШТО:

На 27.04.2017 година од 14,30 до 22,30 часот за време на одржувањето на Конститутивната седница на Собранието на РМ, обвинетите Крсто Мукоски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија објавен (Службен весник на РМ бр.233 од 18.12.2018 година), Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љупчо Димоски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски-Леви, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Абдуљфета Алими, Елена Доцевска Божиновска за која постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Иван Цветановски за кого постапката е запрена согласно Закон за

амнестија, Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Богдан Илиески за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Игор Дурловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаил Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Никола Митревски Кољо, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Александар Василевски Нинџа, со намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на РМ, да оневозможат и спречат избор на Претседател на Собранието на РМ, предизвикале акт на насилство во Собранието на РМ како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во РМ, ги загрозиле животот на пратеници, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието на РМ, со што создале чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните, со извршување на повеќе поврзани и усогласени дејствија за мобилизирање на членството на здруженијата „Тврдокорни“, „Черноземски“, „Ченто“ „Ќосето“ и други, инструирање на група со маски и фантомки за насилно влегување и вршење насилство во просториите на Собранието, држење на потпалувачки говори, отстранување на безбедносните и заштитни механизми од главната влезна врата на Собранието, насочување кон просториите со истовремено координирано неактивирање на полициски сили, а обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски за кого постапката е раздвоена, со умисла им помогнале на обвинетите во извршување на кривичното дело, на начин што: откако Б. В. обезбедување на Н. Г., тогаш претседател на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, а кои се наоѓале во В., А. од тел.бр..., сопственост на Службата за општи и заеднички работи на Влада на РМ во 14,39 часот контактирал со неговиот брат обвинетиот Александар Василевски Нинџа, кој потоа заедно со обвинетиот Никола Митревски Кољо, телефонски ги контактирале обвинетите Јане Ченто, Игор Југ, Младен Додевски, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеновски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија, и Дејан Давидовски Дешо, сега недостапен на органите на прогон, го мобилизирале членството од С. и други градови, за насилен упад во Собранието, однапред знаејќи дека објектот на Собранието не е соодветно обезбеден и заштитен со полициски сили, бидејќи обвинетите Митко Чавков – директор на Бирото за јавна безбедност и раководител на Оперативен штаб со златна команда, Митко Пешов –началник на Оддел за специјални полициски операции и Душко Лазаров – началник во Оддел за униформирана полиција - дежурен во Оперативниот Штаб, со неиздавање наредби за распоредување на дополнителни полициски сили за надворешно и внатрешно обезбедување на Собранието овозможиле

непречено да се влезе за да се оствари целта на насилниот упад, па така обвинетиот Александар Василевски-Нинџа собрал група од 68 лица пред и во кафе бар „Дион“, на кои обвинетиот Горанче Анѓеловски Ќосето им делел маски – фантомки за да го прикријат ликот, во меѓувреме обвинетите Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Богдан Илиевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија како организатори на протестите „За заедничка М.“ ги повикале и ја повеле масата народ кон Собранието кога тогашниот претседавач на седницата Т. В. преку ред му дал збор на пратеникот З. И., кој ја испеал химната на Р.А., па обвинетите Богдан Илиевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија со потпалувачки говори ја разгореле нетрпеливоста на насобраните граѓани, така што Богдан Илиевски со зборовите „...денеска бараме од вас гласно и прецизно многу бучно да ги поздравите сите кои на сила седат внатре и заборавааат дека на сила може и да излезат од внатре..“, а обвинетиот Борис Дамовски со зборовите „...денес се пееше друга химна на говорница, собрани во некој ќош, во некој ходник, отпеаја химна на странска држава, ова е окупација, мораме да го одбраниме Собранието... да се собереме, викајте повеќе од вашите пријатели, роднини, деца, се решава иднината на Република М.“, па откако Никола Митревски-Кољо добил телефонски повик во 18,58 часот, групата во која биле обвинетите Никола Митревски Кољо, Игор Југ, Јане Ченто, Горанче Ангеловски-Ќосето, Вилијам Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски Луди, Младен Додевски, Дејан Давидовски Дешо, сега недостапен на органите на прогон, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеноски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, веќе обвинетиот Андреј Мицов и други НН лица со маски и фантомки на главите се упатила кон Собранието, па насобраните граѓани ја урнале и прескокнале заштитната ограда пред Собранието и се обиделе со туркање, удирање на полициските службеници поставени пред овие врати, како и со кршење насилно да ги отворат влезните врати потпомогнати од групата предводена од обвинетите Никола Митревски-Кољо, Игор Југ, Вилијам Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, веќе обвинетиот Андреј Мицов, Младен Додевски и Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон со употреба на физичка сила-влечење отстраниле еден од овластените службени лица од единицата ЕБР поставени пред влезните врати, но не успеале да ги отворат поради нивната безбедносна заштита, па затоа обвинетите Крсто Мукоски за кого

постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љупчо Димовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, како и обвинетиот Горан Ѓошевски - Леви - началник на обезбедување на тогашниот претседавач Т. В., преку холот дошле до влезната врата, за да ги отстранат металните заштитни греди и да ја отворат вратата, обвинетиот Љупчо Димовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија со раце им покажал како да ги отстранат гредите, обвинетиот Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија во 18,46 часот пред отворањето на вратите по телефон го повикал веќе обвинетиот – сведокот Н. В. со зборовите “ајде, каде сте, што правите, што не влагате”, а потоа обвинетиот Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, обвинетиот Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ја извадил горната заштитна греда од средната влезна врата, меѓутоа сведокот В. С. ја вратил на место, па обвинетите Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија повторно ги извадиле горната и долната заштитна греда од средната врата, по што обвинетиот Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија се обидел да ја отвори вратата, но затоа што била заклучена, не можел да ја отвори, а за цело време обвинетите Горан Ѓошевски-Леви Началник на личното обезбедување на Т. В., Оливер Поповски – Началник за превентивно обезбедување во Оддел за заштита на определени личности и објекти и обвинетиот Абдуљфета Алими – Виш оперативен работник - внатрешно обезбедување на главен влез на Собрание, постапиле спротивно на своите службени овластувања и задачи, не само што не ги спречиле во отварањето на предните влезни врати, туку обвинетиот Абдулфета Алими и му ги дал клучевите од влезната врата на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви за кое време обвинетите Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ги извадиле металните заштитни греди од левата и десната влезна врата за да овозможат влез на насобраните граѓани и на претходно формираната група на лица со фантомки кои влегле во Собранието, при што обвинетите Горан Ѓошевски-Леви, Оливер Поповски и Абдуљфета Алими ги насочувале кон просториите на Собранието – Пленарна сала М. и Сала три - прес сала, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ги повикувале што помасовно да влезат внатре, ги повеле во Сала М. каде обвинетите Игор Дурловски, Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија држеле говори со

кои ги бодреле за насилство и при тоа обвинетиот Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија се обратил со зборовите „ нашата најголема казна е што сме дочекале да имаме такви одвратни пратеници, еве ги меѓу народот, ако предавниците избегаат ја разнебитуваат М., секој оној кој тргнал против својот народ и не го слушал, на крај ќе биде губитник“, обвинетите Елена Доцевска-Божиновски за која постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Иван Цветановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија – советници во кабинетот на Т. В., ја повикувале, воделе и насочувале масата народ и лицата со фантомки кон Прес салата – Сала 3, кога се одржувала прес конференција по изборот на пратеникот Т. Џ. за претседател на Собранието на Република М., кон која се упатиле и обвинетите Никола Митровски-Кољо, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, Младен Додевски, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, каде ги пречекал обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви, кој со службената картичка ја отворил стаклената врата во холот, а потоа обвинетиот Никола Митровски-Кољо со нога го искршил стаклото од вратата, со рака им покажал каде се наоѓа прес салата и пред вратите на Прес салата обвинетиот Никола Митровски Кољо  со тупаница  го удрил овластеното службено лице - сведокот  С.Т. во предел на лицето, а потоа го удрил и оштетениот А. Ј. –Началник на внатрешното обезбедување на Собранието, а потоа во повеќе наврати обвинетите Никола Митровски-Кољо, Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, Младен Додевски, Игор Југ, Вилијам Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јане Ченто, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ја повикувале толпата, се качиле по скалите кои водат до холот пред Кабинетот на претседателот на Собрание, притоа обвинетиот Горанче Анѓеловски со сила се пробил низ направениот кордон од полиција, па заедно со други лица од толпата се буткале со овластени службени лица кои стоеле пред вратите на прес салата, успеале насилно да влезат во Прес салата, почнале да фрлаат столици, метални држачи за камери, монитор, дрвени палки и други предмети кои им се нашле при рака кон пратениците од веќе формираното парламентарно мнозинство и новинарите, обвинетиот Јане Ченто со нога го удрил пратеникот З. З. во пределот на стомакот, со чадор го удрил по глава пратеникот З. С., а потоа упатувал закани кон пратениците, веќе обвинетиот Андреј Мицов и обвинетиот Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, физички ги нападнале А. Т. тогаш приватно обезбедување на пратеникот З. З., како и овластените службени лица сведоците С.Т. и А. А., а сега осудениот М. С. со тупаници и клоци физички го нападнал оштетениот пратеник С. Б., обвинетиот Игор Југ движејќи се помеѓу обвинетиот Дејан Давидовски-

Дешо сега недостапен на органите на прогон и НН лице со фантомка се насочил кон оштетениот пратеник З. З., посегнал по пиштолот кој го носел со себе, но не испукал затоа што оштетениот бил заштитен од овластеното службено лице С. Т., А. Т. тогаш приватно обезбедување на пратеникот З. З. како и од дел од пратениците, па кога обвинетиот Игор Југ видел дека во тој момент Д.Т. - новинар на „Мета“ го снима со телефон, заедно со повеќе НН лица физички го нападнале и присилно му го одзеле телефонскиот апарат, обвинетиот Мунир Пепиќ со нозете го удрил оштетениот пратеник З. С. кој лежел на подот, обвинетиот Вилјам Михајловски замавнал со тупаница да го удри, во исто време со нозе го удирил додека пратеникот З. С. лежел на подот, за тоа време обвинетиот Оливер Поповски стои на страна го гледа нападот врз З. С. не преземајки службено дејствие да го заштити, а во исто време во холот кај лифтот обвинетиот Влатко Трајковски со противпожарен апарат прскал кон пратениците, новинарите и овластените службени лица кои се движеле по скалите, па со апаратот и со тупаници го удрил и физички го нападнал оштетениот пратеник С. К., ја нападнал и удрил пратеничката Р. Ш. во холот пред прес салата, обвинетиот Игор Дурловски во холот помеѓу сала 3-прес сала и сала 4 го видел сведокот тогаш пратеник К. Д. како се симнува по скалите од галеријата на сала 3 и со зборовите „и овој е еден од нив“, по што дел од масата народ го нападна сведокот К. Д. но тој успеал да се оттргне, веќе обвинетиот Лазаревски Јованче околу 20,40 часот на првиот спрат на Собранието под работно биро во канцелариите бр.116 и бр.118 кои се меѓусебно поврзани поставил импровизирана експлозивна направа - две пиротехнички средства со компримиран бутан гас од 300 мл со ознака „Унилите“ облепени со селотејп трака, а истовремено обвинетите Оливер Радулов овластено службено лице, во тоа време обезбедување на тогашниот Директор на Управата за безбедност и контраразузнавање и С. М. овластено службено лице во Управата за безбедност и контраразузнавање, за кого постапката е раздвоена, спротивно на своите службени овластувања, со умисла помогнале во извршувањето на кривичното дело, на начин што заедно со обвинетите Горанче Анѓеловски и Оливер Поповски се упатиле кон кабинет бр.3 – соба за мониторинг и видео надзор, каде по наредба на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви вратата им ја отворила овластеното службено лице А.К. па обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски од собата одзеле два хард диска со цел да се прикријат трагите од извршеното кривично дело и да не се откријат регистрираните дејствија од насилниот упад и насилството во Собранието, а обвинетиот Митко Чавков како Директор на Бирото за јавна безбедност и Раководител на Оперативниот Штаб со златна команда, Митко Пешов Началник на Одделот за специјални полициски операции и обвинетиот Душко Лазаров Началник во Одделот за униформирана полиција тој ден дежурен во Оперативниот Штаб, спротивно на член 20 од Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на полициски работи, односно не издале

наредби за ангажирање на полициско засилување по барањата на овластените службени лица за ангажирање дополнителни полициски сили за обезбедување и заштита на Собранието однадвор и одвнатре, иако континуирано биле известувани дека животот им е загрозен на пратениците од партиите кои формирале мнозинство во Собранието, новинарите, вработените во службите на Собранието и овластените службени лица, не ја извршиле наредбата за ангажирање на посебните и специјални единици на тогашниот Министер за внатрешни работи на РМ – сведокот А. Н., не дале одобрување и наредба за ангажирање на посебните и специјалните единици, не издале наредба за евакуација на пратениците од зградата на Собранието, овозможувајќи непречено да се вршат акти на насилство, да бидат загрозени животите на пратеници, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието на РМ, па со вака преземените усогласени и поврзани дејствија предизвикале чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните на Република М., а лицата З. С., Љ.Н. и Р. Ш. задобиле Тешки телесни повреди, а сведоците Ф. Т. Р., Д. М., П. Ш., О. С., З. З., Х. Л., а лицата О. Н., Б.Б., М. Д., М. Г., В. Д., Т. Д., Ј. А., П. К. и К. В. задобиле телесни повреди.

Со горните дејствија обвинетите Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски – Леви, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Абдуљфета Алими, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Никола Митревски – Кољо и Александар Василевски - Нинџа сториле кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од Кривичниот Законик, а обвинетиот Оливер Радулов сторил кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 вв со чл.24 Кривичниот Законик, па согласно наведените законски одредби како и членовите 4, 32, 33, 34, 35, 39, 40, 41 и 47 од Кривичниот Законик судот обвинетите ги

О С У Д У В А

Обвинетиот МИТКО ЧАВКОВ го осудува на казна затвор од 18-осумнаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 26.03.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 28.03.2018 година и времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 02.05.2018 година, времето поминато во притвор сметано од 12.03.2019 до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот МИТКО ПЕШОВ го осудува на казна затвор од 15-петнаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано

од 28.11.2017 година до 26.03.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 28.03.2018 година, времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 24.10.2018 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот ДУШКО ЛАЗАРОВ го осудува на казна затвор од 15-петнаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 29.11.2017 година до 26.03.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 28.03.2018 година, времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 10.07.2018 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот ГОРАН ЃОШЕВСКИ – ЛЕВИ го осудува на казна затвор од 15-петнаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 26.03.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 28.03.2018 година, времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 25.06.2018 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот ОЛИВЕР ПОПОВСКИ го осудува на казна затвор од 13-тринаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 26.03.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 28.03.2018 година, времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 26.06.2018 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот ОЛИВЕР РАДУЛОВ го осудува на казна затвор од 10-десет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 21.02.2018 година и времето поминато во куќен притвор сметано од 21.02.2018 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот МУНИР ПЕПИЌ го осудува на казна затвор од 15-петнаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 26.03.2018 година и времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот АБДУЉФЕТА АЛИМИ го осудува на казна затвор од 7-седум години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 11.12.2017 година до 26.06.2018 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот МЛАДЕН ДОДЕВСКИ го осудува на казна затвор од 12-дванаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 12.01.2018 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот ЈАНЕ ЧЕНТО го осудува на казна затвор од 15-петнаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 29.11.2017 година до 21.02.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 21.02.2018 година до 03.04.2018 година, времето поминато во притвор од 03.04.2018 година до 15. 03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот ГОРАНЧЕ АНЃЕЛОВСКИ го осудува на казна затвор од 12-дванаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот ИГОР ЈУГ го осудува на казна затвор од 12-дванаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 29.09.2017 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот ВЛАТКО ТРАЈКОВСКИ го осудува на казна затвор од 15-петнаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот ВИЛИЈАМ МИХАЈЛОВСКИ го осудува на казна затвор од 14-четиринаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 29.11.2017 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот НИКОЛА МИТРЕВСКИ – КОЉО го осудува на казна затвор од 15-петнаесет години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Обвинетиот АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВСКИ - НИНЏА го осудува на казна затвор од 8-осум години, во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 11.06.2018 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор.

Согласно чл.105 ст.1 од ЗКП се задолжуваат обвинетите да ги надоместат трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 1.268.144,00 денари, од кои што износ од по 5.000,00 денари на име паушал на сметка на судот, а во смисла на чл.102 ст.2 т.6 од ЗКП, обвинетиот Митко Чавков да плати сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките, согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност адвокат Иле Танев за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, а износ од 1.534,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, обвинетиот Митко Пешов да плати сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 22.825,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С. за шеснаесет расправи согласно чл.102 ст.2 т.3 и 4 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност адвокат Иле Танев за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Душко Лазаров да плати сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, а износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Иле Танев за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Горан Ѓошевски – Леви сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП и сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност адвокат Жарко Георгиевски за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Оливер Поповски сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Жарко Георгиевски за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Оливер Радулов сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, износ од 84.100,00 денари за спровод од куќен притвор, а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, а сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Жарко Георгиевски за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Мунир Пепиќ сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 66.000,00 за спровод на обвинетиот од куќен притвор на 55 рочишта за главна расправа за секое од по 1.200,00 денари, а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Вања Николиќ за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Абдуљфета Алими сума во износ од 852,00 денари

кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Вања Николиќ за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Младен Додевски сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките, солидарно со обвинетите Никола Митревски-Кољо и Александар Василевски-Нинџа да ги надомести трошоците за превод од македонски на француски јазик во износ од 13.500,00 денари, согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Реџепагиќ Фехим Фехо за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, и сума во износ од 98.944,00 денари за спровод од затвор С.-С. а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, обвинетиот Јане Ченто сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Александар Варела за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, а износ од 98.944,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, обвинетиот Горанче Анѓеловски сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Александар Варела за една расправа, сума во износ од 27.000,00 денари за застапување на бранителот по службена должност адвокат Биљана Стојаниќ за осум расправи или за секоја поодделно по 3.000,00 денари и за писмено изработена жалба согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, а износ од 98.944,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, обвинетиот Игор Југ сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Александар Варела за една расправа, а износ од 98.944,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, обвинетиот Влатко Трајковски сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Валентина Тодоровска за една расправа, сума во износ од 105,000,00 денари за застапување на бранителот по службена должност Биљана Стојановиќ на 35 расправи или за секоја поодделно по 3.000,00 денари, потоа сума во износ од 12.000,00 денари за состав на 4 жалби и 3.000,00 денари за посета на обвинетиот во Затвор С.-С., согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП и сума во износ од 98.944,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, обвинетиот Вилијам

Михајловски сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Горан Каркински за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, а износ од 98.944,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, обвинетиот Никола Митревски – Кољо сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките, солидарно со обвинетите Младен Додевски и Александар Василевски-Нинџа да ги надомести трошоците за превод од македонски на француски јазик во износ од 13.500,00 денари, согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Горан Каркински за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП и сума во износ од 98.944,00 денари за спровод од затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, обвинетиот Александар Василевски – Нинџа сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките, солидарно со обвинетите Младен Додевски и Никола Митревски-Кољо да ги надомести трошоците за превод од македонски на француски јазик во износ од 13.500,00 денари, согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Горан Каркински за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП и сума во износ од 98.944,00 денари за спровод од затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, а сето ова да го сторат во рок од 15-петнаесет дена по правосилноста на пресудата под страв на присилно исполнение.

II

Обвинетиот ИГОР ДУРЛОВСКИ со ЕМБГ …., од татко В.., мајка З., роден на … година во Б., со адреса на живеење на ул.„….“ бр… С., С., а по лична карта се води на ул. „…“ бр…. Б., женет, татко на три малолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

СЕ ОСЛОБОДУВА ОД ОБВИНЕНИЕ

Согласно чл.403 т.3 од ЗКП

ДЕКА

На 27.04.2017 година од 14,30 до 22,30 часот за време на одржувањето на Конститутивната седница на Собранието на РМ, обвинетите Крсто Мукоски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија објавен (Службен весник на РМ бр.233 од 18.12.2018 година), Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љубен Арнаудов

за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љупчо Димоски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски-Леви, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Абдуљфета Алими, Елена Доцевска Божиновска за која постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Иван Цветановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Богдан Илиески за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Игор Дурловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Никола Митревски Кољо, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Александар Василевски Нинџа, со намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на Република М., да оневозможат и спречат избор на  Претседател на Собранието на Република М., предизвикале акт на насилство во Собранието на Република М. како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Република М., ги загрозиле животот на пратеници, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието на РМ, со што создале чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните, со извршување на повеќе поврзани и усогласени дејствија за мобилизирање на членството на здруженијата „Тврдокорни“, „Черноземски“, „Ченто“  „Ќосето“ и други, инструирање на група со маски и фантомки за насилно влегување и вршење насилство во просториите на Собранието, држење на потпалувачки говори, отстранување на безбедносните и заштитни механизми од главната влезна врата на Собранието, насочување кон просториите со истовремено координирано неактивирање на полициски сили, а обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски за кого постапката е раздвоена, со умисла им помогнале на обвинетите во извршување на кривичното дело, на начин што: откако Б. В. обезбедување на Н. Г., тогаш претседател на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, а кои се наоѓале во В., А. од тел.бр....., сопственост на Службата за општи и заеднички работи на Влада на Република М. во 14,39 часот контактирал со неговиот брат обвинетиот Александар Василевски Нинџа, кој потоа заедно со обвинетиот Никола Митревски Кољо, телефонски ги контактирале обвинетите Јане Ченто, Игор Југ, Младен Додевски, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеновски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија, и Дејан Давидовски Дешо, сега недостапен на органите на прогон, го мобилизирале членството од С. и други градови, за насилен упад во

Собранието, однапред знаејќи дека објектот на Собранието не е соодветно обезбеден и заштитен со полициски сили, бидејќи обвинетите Митко Чавков – директор на Бирото за јавна безбедност и раководител на Оперативен штаб со златна команда, Митко Пешов –началник на Оддел за специјални полициски операции и Душко Лазаров – началник во Оддел за униформирана полиција - дежурен во Оперативниот Штаб, со неиздавање наредби за распоредување на дополнителни полициски сили за надворешно и внатрешно обезбедување на Собранието овозможиле непречено да се влезе за да се оствари целта на насилниот упад, па така обвинетиот Александар Василевски-Нинџа собрал група од 68 лица пред и во кафе бар „Дион“, на кои обвинетиот Горанче Анѓеловски Ќосето им делел маски – фантомки за да го прикријат ликот, во меѓувреме обвинетите Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Богдан Илиевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија како организатори на протестите „За заедничка М.“ ги повикале и ја повеле масата народ кон Собранието кога тогашниот претседавач на седницата Т. В. преку ред му дал збор на пратеникот З. И., кој ја испеал химната на Р.А., па обвинетите Богдан Илиевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија со потпалувачки говори ја разгореле нетрпеливоста на насобраните граѓани, така што Богдан Илиевски со зборовите „...денеска бараме од вас гласно и прецизно многу бучно да ги поздравите сите кои на сила седат внатре и заборавааt дека на сила може и да излезат од внатре..“, а обвинетиот Борис Дамовски со зборовите „...денес се пееше друга химна на говорница, собрани во некој ќош, во некој ходник, отпеаја химна на странска држава, ова е окупација, мораме да го одбраниме Собранието... да се собереме, викајте повеќе од вашите пријатели, роднини, деца, се решава иднината на Република М.“, па откако Никола Митревски-Кољо добил телефонски повик во 18,58 часот, групата во која биле обвинетите Никола Митревски Кољо, Игор Југ, Јане Ченто, Горанче Ангеловски-Ќосето, Вилијам Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски Луди, Младен Додевски, Дејан Давидовски Дешо, сега недостапен на органите на прогон, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеноски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, веќе обвинетиот Андреј Мицов и други НН лица со маски и фантомки на главите се упатила кон Собранието, па насобраните граѓани ја урнале и прескокнале заштитната ограда пред Собранието и се обиделе со туркање, удирање на полициските службеници поставени пред овие врати, како и со кршење насилно да ги отворат влезните врати потпомогнати од групата предводена од обвинетите Никола Митревски-Кољо, Игор Југ, Вилијам

Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, веќе обвинетиот Андреј Мицов, Младен Додевски и Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон со употреба на физичка сила-влечење отстраниле еден од овластените службени лица од единицата ЕБР поставени пред влезните врати, но не успеале да ги отворат поради нивната безбедносна заштита, па затоа обвинетите Крсто Мукоски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љупчо Димовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, како и обвинетиот Горан Ѓошевски - Леви - началник на обезбедување на тогашниот претседавач Т.В. преку холот дошле до влезната врата, за да ги отстранат металните заштитни греди и да ја отворат вратата, обвинетиот Љупчо Димовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија со раце им покажал како да ги отстранат гредите, обвинетиот Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија во 18,46 часот пред отворањето на вратите по телефон го повикал веќе обвинетиот – сведокот Н. В. со зборовите “ајде, каде сте, што правите, што не влагате”, а потоа обвинетиот Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, обвинетиот Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ја извадил горната заштитна греда од средната влезна врата, меѓутоа сведокот В.С. ја вратил на место, па обвинетите Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија повторно ги извадиле горната и долната заштитна греда од средната врата, по што обвинетиот Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија се обидел да ја отвори вратата, но затоа што била заклучена, не можел да ја отвори, а за цело време обвинетите Горан Ѓошевски-Леви Началник на личното обезбедување на Т. В., Оливер Поповски – Началник за превентивно обезбедување во Оддел за заштита на определени личности и објекти и обвинетиот Абдуљфета Алими – Виш оперативен работник - внатрешно обезбедување на главен влез на Собрание, постапиле спротивно на своите службени овластувања и задачи, не само што не ги спречиле во отварањето на предните влезни врати, туку обвинетиот Абдулфета Алими и му ги дал клучевите од влезната врата на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви за кое време обвинетите Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ги извадиле металните заштитни греди од левата и десната влезна врата за да овозможат влез на насобраните граѓани и на претходно формираната група на лица со фантомки кои влегле во Собранието, при што обвинетите Горан Ѓошевски-

Леви, Оливер Поповски и Абдуљфета Алими ги насочувале кон просториите на Собранието – Пленарна сала М. и Сала три - прес сала, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ги повикувале што помасовно да влезат внатре, ги повеле во Сала М. каде обвинетите Игор Дурловски, Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија држеле говори со кои ги бодреле за насилство и при тоа обвинетиот Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија се обратил со зборовите „ нашата најголема казна е што сме дочекале да имаме такви одвратни пратеници, еве ги меѓу народот, ако предавниците избегаат ја разнебитуваат М., секој оној кој тргнал против својот народ и не го слушал, на крај ќе биде губитник“, обвинетите Елена Доцевска-Божиновски за која постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Иван Цветановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија – советници во кабинетот на Т. В., ја повикувале, воделе и насочувале масата народ и лицата со фантомки кон Прес салата – Сала 3, кога се одржувала прес конференција по изборот на пратеникот Т. Џ. за претседател на Собранието на Република М., кон која се упатиле и обвинетите Никола Митровски-Кољо, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, Младен Додевски, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, каде ги пречекал обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви, кој со службената картичка ја отворил стаклената врата во холот, а потоа обвинетиот Никола Митровски-Кољо со нога го искршил стаклото од вратата, со рака им покажал каде се наоѓа прес салата и пред вратите на Прес салата обвинетиот Никола Митровски Кољо со тупаница го удрил овластеното службено лице - сведокот С.Т. во предел на лицето, а потоа го удрил и оштетениот А. Ј. –Началник на внатрешното обезбедување на Собранието, а потоа во повеќе наврати обвинетите Никола Митровски-Кољо, Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, Младен Додевски, Игор Југ, Вилијам Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јане Ченто, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ја повикувале толпата, се качиле по скалите кои водат до холот пред Кабинетот на претседателот на Собрание, притоа обвинетиот Горанче Анѓеловски со сила се пробил низ направениот кордон од полиција, па заедно со други лица од толпата се буткале со овластени службени лица кои стоеле пред вратите на прес салата, успеале насилно да влезат во Прес салата, почнале да фрлаат столици, метални држачи за камери, монитор, дрвени палки и други предмети кои им се нашле при рака кон пратениците од веќе формираното парламентарно мнозинство и новинарите, обвинетиот Јане

Ченто со нога го удрил пратеникот З. З. во пределот на стомакот, со чадор го удрил по глава пратеникот З. С., а потоа упатувал закани кон пратениците, веќе обвинетиот Андреј Мицов и обвинетиот Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, физички ги нападнале А. Т. тогаш приватно обезбедување на пратеникот З. З., како и овластените службени лица сведоците С.Т. и А. А., а сега осудениот М. С. со тупаници и клоци физички го нападнал оштетениот пратеник С. Б., обвинетиот Игор Југ движејќи се помеѓу  обвинетиот Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон и НН лице со фантомка се насочил кон оштетениот пратеник З. З., посегнал по пиштолот кој го носел со себе, но не испукал затоа што оштетениот бил заштитен од овластеното службено лице С. Т., А. Т. тогаш приватно обезбедување на пратеникот З. З. како и од дел од пратениците, па кога обвинетиот Игор Југ видел дека во тој момент Д. Т. - новинар на „Мета“ го снима со телефон, заедно со повеќе НН лица физички го нападнале и присилно му го одзеле телефонскиот апарат, обвинетиот Мунир Пепиќ со нозете го удрил оштетениот пратеник З. С. кој лежел на подот, обвинетиот Виљам Михајловски замавнал со тупаница да го удри, во исто време со нозе го удирил додека пратеникот З. С. лежел на подот, за тоа време обвинетиот Оливер Поповски стои на страна  го гледа нападот врз З. С. не преземајќи службено дејствие да го заштити, а во исто време во холот кај лифтот обвинетиот Влатко Трајковски со противпожарен апарат прскал кон пратениците, новинарите и овластените службени лица кои се движеле по скалите, па со апаратот и со тупаници го удрил и физички го нападнал оштетениот пратеник С. К., ја нападнал и удрил пратеничката Р. Ш. во холот пред прес салата, обвинетиот Игор Дурловски во холот помеѓу сала 3-прес сала и сала 4 го видел сведокот тогаш пратеник  К. Д. како се симнува по скалите од галеријата на сала 3 и со зборовите „и овој е еден од нив“, по што дел од масата народ го нападна сведокот К. Д. но тој успеал да се отргне, веќе обвинетиот Лазаревски Јованче околу 20,40 часот на првиот спрат на Собранието под работно биро во канцелариите бр.116 и бр.118 кои се меѓусебно поврзани поставил импровизирана експлозивна направа - две пиротехнички средства со компримиран бутан гас од 300 мл со ознака „Унилите“ облепени со селотејп трака, а истовремено обвинетите Оливер Радулов овластено службено лице, во тоа време обезбедување на тогашниот Директор на Управата за безбедност и контраразузнавање и Сашо Марковски овластено службено лице во Управата за безбедност и контраразузнавање, за кого постапката е раздвоена, спротивно на своите службени овластувања, со умисла помогнале во извршувањето на кривичното дело, на начин што заедно со обвинетите Горанче Анѓеловски и Оливер Поповски се упатиле кон кабинет бр.3 – соба за мониторинг и видео надзор, каде по наредба на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви вратата им ја отворила овластеното службено лице А. К., па обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски од собата одзеле два хард диска со цел да се прикријат трагите од извршеното кривично дело и да не се откријат регистрираните дејствија

од насилниот упад  и насилството во Собранието, а обвинетиот Митко Чавков како Директор на Бирото за јавна безбедност и Раководител на Оперативниот Штаб со златна команда, Митко Пешов Началник на Одделот за специјални полициски операции и обвинетиот Душко Лазаров Началник во Одделот за униформирана полиција тој ден дежурен во Оперативниот Штаб, спротивно на член 20 од Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на полициски работи, односно не издале наредби за ангажирање на полициско засилување по барањата на овластените службени лица за ангажирање дополнителни полициски сили за обезбедување и заштита на Собранието однадвор и одвнатре, иако континуирано биле известувани дека животот им е загрозен на пратениците од партиите кои формирале мнозинство во Собранието, новинарите, вработените во службите на Собранието и овластените службени лица, не ја извршиле наредбата за ангажирање на посебните и специјални единици на тогашниот Министер за внатрешни работи на РМ – сведокот А. Н., не дале одобрување и наредба за ангажирање на посебните и специјалните единици, не издале наредба за евакуација на пратениците од зградата на Собранието, овозможувајќи непречено да се вршат акти на насилство, да бидат загрозени животите на пратеници, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието на РМ, па со вака преземените усогласени и поврзани дејствија предизвикале чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните на Република М., а лицата  З. С., Љ. Н. и Р. Ш. задобиле Тешки телесни повреди, а сведоците Ф. Т. Р., Д.М., П. Ш., О. С., З. З., Х. Л., а лицата О.Н., Б. Б., М. Д., М. Г., В. Д., Т. Д., Ј. А., П. К. и К. В. задобиле телесни повреди.

Со горните дејствија обвинетиот Игор Дурловски би сторил кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од Кривичниот Законик.

Бидејќи Јавниот обвинител не докажа надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое се обвинува.

Согласно чл.106 ст.1 од ЗКП, трошоците на обвинетиот Игор Дурловски паѓаат на товар на Буџетот на Р.С.М.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција до судот поднесе обвинителен акт КО.бр.66/17 од 27.03.2018 година со предлог за продолжување на мерка притвор и мерка куќен притвор, против обвинетите Крсто Мукоски, Сашо Василевски, Љубен Арнаудов, Љупчо Димовски, Јохан Тарчуловски, Митко Чавков, Митко Пешов, Душко

Лазаров, Горан Ѓошевски-Леви, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Абдуљфета Алими, Елена Доцевска Божиновска, Иван Цветановски, Борис Дамовски, Богдан Илиевски, Владо Јовановски , Игор Дурловски, Стефан Младеноски, Михаел Младеноски, Захарие Симовски, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Илија Славевски, Влатко Трајковски и Вилијам Михајловски, за кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ, обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски од С., за кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 в.в. чл.24 од КЗ, обвинителен акт КО.бр.66/17 од 09.05.2018 година со предлог за продолжување на мерка притвор, против обвинетиот Никола Митревски-Кољо, за кривично дело Терористичко Загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ и обвинителен акт КО.бр.66/17 од 20.07.2018 година со предлог за продолжување на мерка притвор, против обвинетите Александар Василевски-Нинџа и Митре Питроповски, за кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ, кој  е прецизиран со писмен поднесок доставен на главна расправа на ден 31.01.2019 година со оглед да постапката против обвинетите Крсто Мукоски, Сашо Василевски, Љубен Арнаудов, Љупчо Димовски, Јохан Тарчуловски, Елена Доцевска Божиновска, Иван Цветановски, Борис Дамовски, Богдан Илиевски, Владо Јовановски, Стефан Младеновски, Михаел Младеновски, Захарие Симовски, Илија Славевски и Митре Питроповски е запрена од причина што нивните барањата за амнестија се уважени согласно Законот за амнестија, а за обвинетиот Сашо Марковски постапката е раздвоена и за истиот се води посебна кривична постапка пред Основниот суд С. 1 С. заведена под IX КОК.бр.87/18, за кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 в.в. чл.24 од КЗ.

Постапувајќи по поднесените обвинителни акти КО.бр.66/17 од 27.03.2018 година, од 09.05.2018 година и од 20.07.2018 година, судот закажа и одржа главна расправа која започна на ден 22.08.2018, а продолжи на ден 23.08.2018 година, на ден 24.08.2018 година, на ден 27.08.2018 година, на ден 31.08.2018 година, на ден 06.09.2018 година, на ден 07.09.2018 година, на ден 13.09.2018 година, на ден 19.09.2018 година, на ден 21.09.2018 година, на ден 25.09.2018 година, на ден 02.10.2018 година, на ден 04.10.2018 година, на ден 09.10.2018 година, на ден 16.10.2018 година, на ден 17.10.2018 година, на ден 22.10.2018 година, на ден 25.10.2018 година, на ден 29.10.2018 година, на ден 30.10.2018 година, на ден 02.11.2018 година, на ден 05.11.2018 година, на ден 06.11.2018 година, на ден 08.11.2018 година, на ден 12.11.2018 година, на ден 13.11.2018 година, на ден 15.11.2018 година, на ден 16.11.2018 година, на ден 21.11.2018 година, на ден 27.11.2018 година, на ден 28.11.2018 година, на ден 29.11.2018 година, на ден 30.11.2018 година, на ден

03.12.2018 година, на ден 04.12.2018 година, на ден 06.12.2018 година, на ден 10.12.2018 година, на ден 11.12.2018 година, на ден 13.12.2018 година, на ден 14.12.2018 година, на ден 17.12.2018 година, на ден 20.12.2018 година, на ден 21.12.2018 година, на ден 26.12.2018 година, на ден 31.01.2019 година, на ден 04.02.2019 година, на ден 06.02.2019 година, на ден 08.02.2019 година, на ден 11.02.2019 година, на ден 15.02.2019 година, на ден 18.02.2019 година, на ден 19.02.2019 година, на ден 21.02.2019 година и на ден 22.02.2019 година Застапникот на обвинението во завршен збор пред се го прецизираше обвинителниот акт и истакна дека обвинителниот акт е против обвинетите Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски - Леви, Оливер Поповски, Оливер Радулов, Мунир Пепиќ, Абдуљфета Алими, Игор Дурловски, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Никола Митревски - Кољо и Александар Василевски- Нинџа и наведе дека на истите им се става на товар дека: На 27.04.2017 година од 14,30 до 22,30 часот за време на одржувањето на Конститутивната седница на Собранието на РМ, обвинетите Крсто Мукоски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија објавен (Службен весник на РМ бр.233 од 18.12.2018 година), Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љупчо Димоски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски-Леви, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Абдуљфета Алими, Елена Доцевска Божиновска за која постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Иван Цветановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Богдан Илиески за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Игор Дурловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаил Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Никола Митревски Кољо, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Александар Василевски Нинџа, со намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на Република М., да оневозможат и спречат избор на Претседател на Собранието на Република М., предизвикале акт на насилство во Собранието на Република М. како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Република М., ги загрозиле животот на пратеници, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието на РМ, со што создале чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните, со извршување на повеќе поврзани и

усогласени дејствија за мобилизирање на членството на здруженијата „Тврдокорни“, „Черноземски“, „Ченто“ „Ќосето“ и други, инструирање на група со маски и фантомки за насилно влегување и вршење насилство во просториите на Собранието, држење на потпалувачки говори, отстранување на безбедносните и заштитни механизми од главната влезна врата на Собранието, насочување кон просториите со истовремено координирано неактивирање на полициски сили, а обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски за кого постапката е раздвоена, со умисла им помогнале на обвинетите во извршување на кривичното дело, на начин што: откако Б. В. обезбедување на Н. Г., тогаш претседател на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, а кои се наоѓале во В., А. од тел.бр…., сопственост на Службата за општи и заеднички работи на Влада на Република М. во 14,39 часот контактирал со неговиот брат обвинетиот Александар Василевски Нинџа, кој потоа заедно со обвинетиот Никола Митревски Кољо, телефонски ги контактирале обвинетите Јане Ченто, Игор Југ, Младен Додевски, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеновски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија, и Дејан Давидовски Дешо, сега недостапен на органите на прогон, го мобилизирале членството од С. и други градови, за насилен упад во Собранието, однапред знаејќи дека објектот на Собранието не е соодветно обезбеден и заштитен со полициски сили, бидејќи обвинетите Митко Чавков – директор на Бирото за јавна безбедност и раководител на Оперативен штаб со златна команда, Митко Пешов –началник на Оддел за специјални полициски операции и Душко Лазаров – началник во Оддел за униформирана полиција - дежурен во Оперативниот Штаб, со неиздавање наредби за распоредување на дополнителни полициски сили за надворешно и внатрешно обезбедување на Собранието овозможиле непречено да се влезе за да се оствари целта на насилниот упад, па така обвинетиот Александар Василевски-Нинџа собрал група од 68 лица пред и во кафе бар „Дион“, на кои обвинетиот Горанче Анѓеловски Ќосето им делел маски – фантомки за да го прикријат ликот, во меѓувреме обвинетите Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Богдан Илиевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија како организатори на протестите „За заедничка М.“ ги повикале и ја повеле масата народ кон Собранието кога тогашниот претседавач на седницата Т.В. преку ред му дал збор на пратеникот З.И., кој ја испеал химната на Р.А., па обвинетите Богдан Илиевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија со потпалувачки говори ја разгореле нетрпеливоста на насобраните граѓани, така што Богдан Илиевски со зборовите „...денеска бараме од вас гласно и прецизно многу бучно да ги поздравите сите кои на сила седат внатре и заборавaат дека на сила може и да излезат од внатре..“, а обвинетиот Борис Дамовски со зборовите „...денес се пееше

друга химна на говорница, собрани во некој ќош, во некој ходник, отпеаја химна на странска држава, ова е окупација, мораме да го одбраниме Собранието... да се собереме, викајте повеќе од вашите пријатели, роднини, деца, се решава иднината на Република М.“, па откако Никола Митревски-Коѓо добил телефонски повик во 18,58 часот, групата во која биле обвинетите Никола Митревски Коѓо, Игор Југ, Јане Ченто, Горанче Ангеловски-Ќосето, Вилијам Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски Луди, Младен Додевски, Дејан Давидовски Дешо, сега недостапен на органите на прогон, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеноски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, веќе обвинетиот Андреј Мицов и други НН лица со маски и фантомки на главите се упатила кон Собранието, па насобраните граѓани ја урнале и прескокнале заштитната ограда пред Собранието и се обиделе со туркање, удирање на полициските службеници поставени пред овие врати, како и со кршење насилно да ги отворат влезните врати потпомогнати од групата предводена од обвинетите Никола Митревски-Коѓо, Игор Југ, Вилијам Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, веќе обвинетиот Андреј Мицов, Младен Додевски и Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон со употреба на физичка сила-влечење отстраниле еден од овластените службени лица од единицата ЕБР поставени пред влезните врати, но не успеале да ги отворат поради нивната безбедносна заштита, па затоа обвинетите Крсто Мукоски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љупчо Димовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, како и обвинетиот Горан Ѓошевски - Леви - началник на обезбедување на тогашниот претседавач Т.В., преку холот дошле до влезната врата, за да ги отстранат металните заштитни греди и да ја отворат вратата, обвинетиот Љупчо Димовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија со раце им покажал како да ги отстранат гредите, обвинетиот Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија во 18,46 часот пред отворањето на вратите по телефон го повикал веќе обвинетиот – сведокот Н. В. со зборовите “ајде, каде сте, што правите, што не влагате”, а потоа обвинетиот Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, обвинетиот Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ја извадил горната заштитна греда од средната влезна врата, меѓутоа сведокот В. С. ја вратил на место, па

обвинетите Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија повторно ги извадиле горната и долната заштитна греда од средната врата, по што обвинетиот Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија се обидел да ја отвори вратата, но затоа што била заклучена, не можел да ја отвори, а за цело време обвинетите Горан Ѓошевски-Леви Началник на личното обезбедување на Трајко Вељановски, Оливер Поповски – Началник за превентивно обезбедување во Оддел за заштита на определени личности и објекти и обвинетиот Абдуљфета Алими – Виш оперативен работник - внатрешно обезбедување на главен влез на Собрание, постапиле спротивно на своите службени овластувања и задачи, не само што не ги спречиле во отварањето на предните влезни врати, туку обвинетиот Абдулфета Алими и му ги дал клучевите од влезната врата на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви за кое време обвинетите Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ги извадиле металните заштитни греди од левата и десната влезна врата за да овозможат влез на насобраните граѓани и на претходно формираната група на лица со фантомки кои влегле во Собранието, при што обвинетите Горан Ѓошевски-Леви, Оливер Поповски и Абдуљфета Алими ги насочувале кон просториите на Собранието – Пленарна сала М. и Сала три - прес сала, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ги повикувале што помасовно да влезат внатре, ги повеле во Сала М. каде обвинетите Игор Дурловски, Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија држеле говори со кои ги бодреле за насилство и при тоа обвинетиот Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија се обратил со зборовите „ нашата најголема казна е што сме дочекале да имаме такви одвратни пратеници, еве ги меѓу народот, ако предавниците избегаат ја разнебитуваат М., секој оној кој тргнал против својот народ и не го слушал, на крај ќе биде губитник“, обвинетите Елена Доцевска-Божиновски за која постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Иван Цветановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија – советници во кабинетот на Т. В., ја повикувале, воделе и насочувале масата народ и лицата со фантомки кон Прес салата – Сала 3, кога се одржувала прес конференција по изборот на пратеникот Т. Џ. за претседател на Собранието на Република М., кон која се упатиле и обвинетите Никола Митровски-Кољо, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, Младен Додевски, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, каде ги пречекал обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви, кој со службената картичка ја отворил стаклената врата во холот, а потоа

обвинетиот Никола Митровски-Кољо со нога го искршил стаклото од вратата, со рака им покажал каде се наоѓа прес салата и пред вратите на Прес салата обвинетиот Никола Митровски Коњо со тупаница го удрил овластеното службено лице - сведокот С. Т. во предел на лицето, а потоа го удрил и оштетениот А. Ј. –Началник на внатрешното обезбедување на Собранието, а потоа во повеќе наврати обвинетите Никола Митровски-Коњо, Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, Младен Додевски, Игор Југ, Вилијам Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јане Ченто, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ја повикувале толпата, се качиле по скалите кои водат до холот пред Кабинетот на претседателот на Собрание, притоа обвинетиот Горанче Анѓеловски со сила се пробил низ направениот кордон од полиција, па заедно со други лица од толпата се буткале со овластени службени лица кои стоеле пред вратите на прес салата, успеале насилно да влезат во Прес салата, почнале да фрлаат столици, метални држачи за камери, монитор, дрвени палки и други предмети кои им се нашле при рака кон пратениците од веќе формираното парламентарно мнозинство и новинарите, обвинетиот Јане Ченто со нога го удрил пратеникот З. З. во пределот на стомакот, со чадор го удрил по глава пратеникот З. С., а потоа упатувал закани кон пратениците, веќе обвинетиот Андреј Мицов и обвинетиот Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, физички ги нападнале А. Т. тогаш приватно обезбедување на пратеникот З. З., како и овластените службени лица сведоците С. Т. и А.А., а сега осудениот М. С. со тупаници и клоци физички го нападнал оштетениот пратеник С. Б., обвинетиот Игор Југ движејќи се помеѓу обвинетиот Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон и НН лице со фантомка се насочил кон оштетениот пратеник З. З., посегнал по пиштолот кој го носел со себе, но не испукал затоа што оштетениот бил заштитен од овластеното службено лице С. Т., А. Т. тогаш приватно обезбедување на пратеникот З. З. како и од дел од пратениците, па кога обвинетиот Игор Југ видел дека во тој момент Д.Т. - новинар на „Мета“ го снима со телефон, заедно со повеќе НН лица физички го нападнале и присилно му го одзеле телефонскиот апарат, обвинетиот Мунир Пепиќ со нозете го удрил оштетениот пратеник З.С. кој лежел на подот, обвинетиот Вилјам Михајловски замавнал со тупаница да го удри, во исто време со нозе го удирил додека пратеникот З. С. лежел на подот, за тоа време обвинетиот Оливер Поповски стои на страна го гледа нападот врз З. С. не преземајки службено дејствие да го заштити, а во исто време во холот кај лифтот обвинетиот Влатко Трајковски со противпожарен апарат прскал кон пратениците, новинарите и овластените службени лица кои се движеле по скалите, па со апаратот и со тупаници го удрил и физички го нападнал оштетениот пратеник С. К., ја нападнал и удрил пратеничката Р. Ш. во холот пред прес салата, обвинетиот Игор

Дурловски во холот помеѓу сала 3-прес сала и сала 4 го видел сведокот тогаш пратеник К. Д. како се симнува по скалите од галеријата на сала 3 и со зборовите „и овој е еден од нив“, по што дел од масата народ го нападна сведокот К. Д. но тој успеал да се оттргне, веќе обвинетиот Лазаревски Јованче околу 20,40 часот на првиот спрат на Собранието под работно биро во канцелариите бр.116 и бр.118 кои се меѓусебно поврзани поставил импровизирана експлозивна направа - две пиротехнички средства со компримиран бутан гас од 300 мл со ознака „Унилите“ облепени со селотејп трака, а истовремено обвинетите Оливер Радулов овластено службено лице, во тоа време обезбедување на тогашниот Директор на Управата за безбедност и контраразузнавање и Сашо Марковски овластено службено лице во Управата за безбедност и контраразузнавање, за кого постапката е раздвоена, спротивно на своите службени овластувања, со умисла помогнале во извршувањето на кривичното дело, на начин што заедно со обвинетите Горанче Анѓеловски и Оливер Поповски се упатиле кон кабинет бр.3 – соба за мониторинг и видео надзор, каде по наредба на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви вратата им ја отворила овластеното службено лице А. К. па обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски од собата одзеле два хард диска со цел да се прикријат трагите од извршеното кривично дело и да не се откријат регистрираните дејствија од насилниот упад и насилството во Собранието, а обвинетиот Митко Чавков како Директор на Бирото за јавна безбедност и Раководител на Оперативниот Штаб со златна команда, Митко Пешов Началник на Одделот за специјални полициски операции и обвинетиот Душко Лазаров Началник во Одделот за униформирана полиција тој ден дежурен во Оперативниот Штаб, спротивно на член 20 од Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на полициски работи, односно не издале наредби за ангажирање на полициско засилување по барањата на овластените службени лица за ангажирање дополнителни полициски сили за обезбедување и заштита на Собранието однадвор и одвнатре, иако континуирано биле известувани дека животот им е загрозен на пратениците од партиите кои формирале мнозинство во Собранието, новинарите, вработените во службите на Собранието и овластените службени лица, не ја извршиле наредбата за ангажирање на посебните и специјални единици на тогашниот Министер за внатрешни работи на РМ – сведокот А. Н., не дале одобрување и наредба за ангажирање на посебните и специјалните единици, не издале наредба за евакуација на пратениците од зградата на Собранието, овозможувајќи непречено да се вршат акти на насилство, да бидат загрозени животите на пратеници, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието на РМ, па со вака преземените усогласени и поврзани дејствија предизвикале чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните на Република М., а лицата З. С., Љ. Н. и Р. Ш. задобиле тешки телесни повреди, а сведоците Ф. Т. Р., Д.М., П. Ш., О. С., З. З., О. Н., Х. Л., а лицата Б. Б., М. Д., М. Г., В. Д., Т.Д., Ј. А., П. К. и К. В. задобиле телесни

повреди, со кои дејствија обвинетите Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски-Леви, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Абдуљфета Алими, Игор Дурловски, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Никола Митревски Кољо и Александар Василевски Нинџа сториле кривично дело „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ по член 313 од Кривичниот законик, а обвинетиот Оливер Радулов сторил кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ по член 313 вв чл. 24 од Кривичниот законик.

Во продолжение на завршниот збор Застапникот на обвинението наведе дека многу работи се случиле откога започна судењето со воведните зборови се до завршните зборови и тоа како внатре во судницата така и надвор од неа. Внатре во судницата пред се мислела на сведочењата на Д. М., П.Б., Ф. Р., сведочења за настан кој го доживеале, но кој настан и после толку време кај нив предизвикал такви емоции што кај неа не само како обвинител туку пред се како човек предизвикал чувство на горчина и на срам затоа што таа траума ја доживеале внатре во Собранието, во највисокиот законодавен дом на Република М., а надвор од судницата, пред се мисли на Законот за амнестија, кој како политичка одлука извршил големо влијание не толку врз концептот на обвинението, туку пред се на чувството на неказнивост, а тоа било уште една горчина која ја доживеала не само како обвинител туку пред се како граѓанин на оваа држава. Наведе дека за судот треба да биде најважно она што се случувало внатре во судницата пред очите на целата јавност преку новинарските известувања и на судот не треба да влијае тоа што некој се соочува со казна затвор од минимум 10 години, а друг за истото е амнестиран, па единствено нешто што може и треба да влијае врз судот се фактите и доказите кои се слушнале и виделе во судницата, а се виде премногу насилство. Истакна дека темелни вредности на сите земји членки на ЕУ е силното владеење на правото, а силното владеење на правото е и еден од темелните основи на нашиот Устав и тоа нешто не како судии, не како обвинители, туку пред се и над се како граѓани на оваа држава не смее никогаш да се заборави. Наведе дека во поткрепа на обвинението за обвинетиот Митко Чавков се исказите на сведоците меѓу кои и исказот на сведокот С1 кој на главна расправа меѓу другото навел дека Јане Ченто бил нон стоп во комуникација со обвинетиот Митко Чавков од кого добивал насоки во случај на влез во Собрание да се онеспособат камерите и каде може да се наоѓаат пратениците кои биле цел на нападот. Понатаму појаснил дека по настаните од 27.04.2017 година Јане Ченто заедно со Нинџа имале состанок и постојани комуникации со обвинетиот Митко Чавков на кого му биле лути бидејќи тој директно ги организирал за настаните во Собранието, по директива на Н. Г., а сега ги оставиле на цедило за да на крај изјави дека Јане Ченто му кажал да во позадината, односно во организацијата на пучот стои Н.Г. при што комуникацијата на Јане Ченто со Митко Чавков се одвивала преку апликацијата Вибер. Истакна дека сведокот В. Н. на главна расправа навел дека во моментот

кога масата народ се обидувала да влезе во Собранието добил повик од Митко Чавков и тој го известил дека имало обид на масата за влез во Собранието, дека имало константен прилив на луѓе, барал засилување бидејќи според неговата проценка со силите кои биле распоредени не би можел да се справи со настанатата состојба, а од Чавков добил насока да ја следи состојбата и да превзема мерки и активности во насока на справување со настанатата состојба и  оправдано се поставува прашањето како да се справи со настанатата ситуација со толку малку полициски службеници. Сведокот Г.Ѓ. во својата изјава дадена на главна расправа меѓу другото појаснил дека после 19:00 часот му се јавил Сашо Митевски-Хитлер и го известил дека масата народ била влезена во Собрание, по што тој веднаш му се јавил на Директорот Митко Чавков и го известил за ситуацијата,  притоа тогашниот Директор на Бирото за јавна безбедност го информирал дека за подобра координација и командување со силите тој како Директор на БЈБ координирал и дека тој веќе воспоставил контакт со Митко Пешов и му дал насоки се што имало во база да се исфрли надвор пред Собранието, ама никој не дал наредба да се повикаат од дома припадниците на посебните и специјални полициски единици, кое нешто произлегувало и од сведочењето на М. П., тогаш командант на Единицата за брзо распоредување. Тој во својот исказ појасни и дека биле потребни најмалку 45 минути припадниците од неговата единица да стигнат на работа и тоа само оние кои живеат во С.. Смета дека од исказите на наведените тројца сведоци многу јасно произлегува дека обвинетиот Митко Чавков воопшто немал намера да издаде навремена команда за ангажирање на дополнителни специјални полициски сили, кое укажувало на тоа дека ништо што се случувало тој ден не било случајно. Воедно се осврна и на исказот на сведокот А.Н., тогаш Министер во МВР кој во својата изјава меѓу другото навел дека во периодот околу 18:00 часот на неколку наврати му испратил пораки и го барал на мобилен телефон Директорот Митко Чавков за да го праша дали е во тек со ситуацијата пред Собранието, но Чавков не му се јавувал. Сведокот А.Н. во 17:59 му испратил порака и го прашал „Директоре дали ги следите дебатите во Собранието, има ли можност ситуацијата да ескалира “, па добил одговор во 18:04 „Нема можност засега се е под контрола “ и друга порака „ Надвор нема проблеми “. На наредната порака од А. Н. пратена во 18:58 до Чавков со содржина „ Директоре, нема доволно полицајци, сите влезови се блокирани “ не добил одовор, по што го барал Чавков, но не му се јавил. По пристигнувањето на Чавков во штабот на МВР некаде после 20:00 часот, откако А. Н.го прашал каде бил до сега, зошто не му одговарал на повиците и го прашал дали видел што се случува во Собранието, Чавков му одговорил „што ако ме прашуваш, што мислиш што се случува, ништо, народ се случува“ и тоа со агресивен тон. Понатаму сведокот наведе „Сакам да напоменам дека од моментот на пристигнување во оперативниот штаб поминало околу половина час колку  што можам да се сетам и немаше наредби од страна на директорот, односно раководителот на штабот, гледавме телевизија“, и го повтори

одговорот „Ништо не се случува, народ се случува“. Воедно се осврна и на изјавата на обвинетиот Александар Василевски кој наведе дека обвинетиот Митко Чавков се наоѓал во штабот на ВМРО-ДПМНЕ од каде истиот контактирал со Митко Пешов и И.В. и на двајцата им давал телефонски насоки да делуваат пасивно, а телефонскиот разговор бил во периодот од 18:30 до 19:00 часот. Истакна дека има Оперативна акција, има Оперативен штаб, има златна команда. Во 18:30 часот масата народ ја прескокна заштитната ограда, се упатиле кон влезните врати на Собранието, а златната команда била во Штабот на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, информиран за се и што превземал, односно дека ништо не се превземал. Тоа било уште еден доказ, дека тој ден се што се случувало не било случајно. Истакна дека сведокот И. В. во својата изјава навел дека критичниот ден во неколку наврати остварил контакт со обвинетиот Чавков при што го информирал за состојбата, односно за продорот на масата во Собранието, а покасно се слушнал за да се информира како течеле подготовките околу доаѓањето на дополнителните сили при што добил одговор од Чавков дека се работи на тоа, ама очигледно не се работело на тоа, напротив се работело на тоа да не се повикаат дополнителни полициски сили. Се осврна и на исказот на обвинетиот Душко Лазаров кој истакнал дека околу 18:30 часот преку Вибер порака го известил Митко Чавков дека се случувало тресење на зашитните огради пред Собранието, на што Чавков вратил со порака дека е во тек со ситуацијата, масата од организаторот е повикана назад и нема да влегуваат внатре, а според ова јасно произлегува дека од почеток не само што бил информиран за состојбата, туку бил информиран и за деталите. Понатаму истакнал дека после 19:00 часот го известил Митко Чавков дека толпата била влезена во Собранието, од страна на Чавков му било вратено дека бил запознаен и се превземале потребните мерки. Од изготвената анализа на телефонската комуникација видно било дека обвинетиот Митко Чавков во критичниот период бил на базни станици ВМРО-АЛМАКО, како и тоа со кого имал остварено телефонска комуникација. Тука мора да се има во предвид дека најголем број на комуникации се одвивале преку апликацијата Вибер, односно преку интернет, а со самото тоа и не било возможно да се утврди со кого се имал комуникација тој ден обвинетиот Чавков. Ова особено било важно од причина што од обвинетиот не бил одземен мобилниот телефон кој го користел тој ден, наводно го изгубил по болниците. Бил информиран од страна на П. К. дека тој ден ќе се бира Претседател на Собранието на РМ кое известување веднаш го препратил на Н.Г.. Оваа порака како доказ била изведена на главната расправа кога се читале вештачењата на мобилниот телефон на Т. В.. По однос на обвинетиот Митко Пешов, сведокот М. П. навел дека околу 18:40 часот тој му се јавил на телефон на обвинетиот Митко Пешов да го праша дали да ја собира единицата, на што добил одговор дека ќе биде известен. Околу 19:00 часот во моментот кога добил информација од В. Н. дека масата народ била влезена во Собранието за тоа го информирал Митко Пешов кој му дал насока да се

упати во базата на ЕБР каде ќе бидат повикани и другите старешини од ЕСЗ и ПЕП, а дека во меѓувреме ќе дошол и тој за да направат координација. Воедно М. П. повторно го прашал обвинетиот Митко Пешов дали да ги повикува останатите припадници на Единицата, на што добил одговор од обвинетиот Митко Пешов само да ги повика старешините од Единицата. Околу 19:00 часот обвинетиот ги повикал на состанок во базата на ЕБР, а масата народ веќе била влезена внатре во Собрание. Понатаму сведокот наведе дека околу 19:30 по информација од терен, односно од В. Н. дека внатре било тензично и имало повредени колеги, за истото го известил Митко Пешов кој му кажал дека бил во тек и дека за кратко ќе прател засилување, па за Застапникот на обвинението не е јасно какво засилување ќе испрати кога не се повикуваат припадниците од дома, а во базите освен 13 лица на ПЕП немало други дополнителни сили. На ова се надоврзува сведокот во својот понатамошен исказ дека откако околу 19:50 часот пристигнале во базата на ЕБР командантот на ЕСЗ и неговиот помошник, за истото го известил Митко Пешов и го прашал дали ќе доаѓа, на што Митко Пешов му одговорил дека бил повикан во Штабот и на прашање на сведокот дали да ги повикува колегите, Митко Пешов му одговорил дека за кратко ќе го извести и притоа дури во 20:15 часот Митко Пешов му се јавил и му издал наредба да ги повикува колегите и во најкраток можен рок да се упатат кон Собрание да помогнат на колегите, притоа наведе дека треба да се има во предвид часот, тоа е 20:15, а познато е дека 45 минути е најкраткиот рок во кој можат припадниците да дојдат во базата и тоа само оние кои живеат во С.. Сведокот А.Н. навел за време додека одел кон штабот во периодот од 19:00-20:00 часот реализирал пет телефонски комуникации со Митко Пешов и во сите тие комуникации од Митко Пешов добил одговор дека се правеле обиди од нивна страна за да ги ангажираат специјалните сили. Сведокот А. Н. во својот исказ наведе „Со Началникот разговаравме за ангажирањето на специјалните единици во составот на Одделот што побрзо и поефикасно тие да интервенираат и да се превземат мерките според планот на оперативниот штаб“. Воедно се осврна и на исказот на сведокот К. Б. кој наведе дека откако од страна на С. З. кој бил на терен пред Собрание добил информации дека ситуацијата била тензична и дека дел од толпата делувала на заштитната ограда, истиот издал наредба постојните сили на Одделот за специјални полициски операции да ги постави на позиција, по што остварил контакт со Началникот на ОСПО, Митко Пешов со цел да се информира дали можел да му стават на располагање дополнителни сили на ОСПО со оглед на тоа дека во моментот имале само два вода за кои сведокот сметал дека биле недоволни, на што од страна на Митко Пешов добил одговор дека во моментот немал на располагање други сили на ОСПО освен тие два вода, за што го известил С. да се справува на терен со тие два вода кои ги имал на располагање. Сведокот Б. Т. истакнал дека во касарната Ѓ. П. имало 13 лица припадници од ПЕП и наредба од Митко Пешов за нивно испраќање пред Собранието добил во 19:45, додека наредба за собирање на целокупниот состав добил од Митко Пешов во

20:25 часот. Обвинетиот Митко Пешов во своја одбрана навел дека некаде после 19:15 часот му дал насока на командантот на ЕСЗ С. П. да се упати во базата на ЕБР за што бил запознат и Марјан Петковски кој ги брифирал за состојбата и ги анимирал сите припадници на единицата за тоа дека најверојатно ќе биле повикани. Наведе дека после 19:15 часот обвинетиот Митко Пешов сеуште бил во К., а закажува состанок, потоа ги анимира сите припадници на единицата дека најверојатно ќе бидат повикани, а во тоа време веќе имало раскрвавени глави во Собрание. За обвинетиот Душко Лазаров, сведокот С. Т. навел дека А. Ј. тогаш Началник на внатрешното обезбедување на Собрание го известил дека се пеела албанската химна и се треселе оградите надвор пред Собрание при што од штабот побарал дозвола за евакуација на пратениците, а кое барање сведокот му го пренел на Душко Лазаров кој на ова не одговорил туку само со раката посочил во смисла „чекај“. Понатаму наведува дека од страна на Јанковиќ биле упатени уште неколку барања за евакуација кои биле проследени до Душко Лазаров, кој дал само наредба да се обезбедат вратите од Собранието, односно истите да бидат затворени. Сведокот појаснил дека влегувањето на масата народ внатре во Собранието го следеле преку телевизорите во штабот, но истиот сеуште немал никаква наредба од Душко Лазаров за било какво постапување. По влегувањето на масата во Собранието и покрај барањето на А. Ј. за евакуација и неговите информации дека дел од масата била агресивна кон пратениците и полицајците, од страна на Душко Лазаров не била дозволена евакуација, односно само биле издавани наредби да се држат позициите каде што биле пратениците со расположливите сили во Собранието, а во еден момент Душко Лазров со повисок тон го искарал С.Т. велејќи му „Ти ќе го спуштиш телефонот и ќе слушаш јас што ќе ти кажам“. По пристигањето на Министерот А. Н. во Оперативниот штаб во 19:20, истиот му се обратил на Душко Лазаров со зборовите „дали знаете дека се тепаат пратеници во Собранието, дека има тепање, превземете нешто“ на што Душко прво не му одговорил ништо и по ова Министерот на неколку наврати инсистирал на активирање на специјалните сили, на што Душко одговорил со гестикулација „ќе биде, ќе биде“. Наведе дека сведокот понатаму појаснил дека истиот не можел сам да нареди евакуација бидејќи за тоа била потребна одлука на Оперативниот штаб бидејќи тоа била активност која што сублимира постапување, односно вклучување за тие мерки на поголем број организациски единици во рамките на МВР. Сведокот А. Н. навел дека по неговото пристигнување во Штабот на МВР од страна на Душко Лазаров бил известен дека тој бил во комуникација со внатрешното обезбедување во Собранието, со надворешното обезбедување, со СВР С., по што сведокот, во тоа време Министер во МВР, инсистирал да се превземат неопходни мерки и притоа му наредил на Душко Лазаров веднаш да издаде наредба за евакуација на пратениците од Собранието, на што Душко Лазаров не дал одговор, односно на неколку наврати излегувал од просторијата каде бил сместен штабот и зборувал со некого на мобилен телефон. Сведокот во неколку

наврати го информирал Душко Лазаров и присутните во штабот дека внатре присутните во Собранието физички биле нападнати и на неколку наврати барал од Душко Лазаров да се превземат мерки за евакуација, а по потреба да се превземат репресивни мерки и да се извести раководителот на Штабот, Митко Чавков, но од страна на Душко Лазаров тоа не било проследено. Сведокот К. Б. истанал дека за моментот на пробивање на првиот кордон и приближувањето на толпата на влезните врати од Собранието веднаш го известил Душко Лазаров, за што од страна на Душко Лазаров му била дадена наредба да се поставaт пред вратите на Собранието и да не дозволат влез на масата во Собранието, а пред Собранието имало севкупно околу 70 службени лица. Осврнувајќи се на исказот на сведокот З. С. наведе дека тој појаснил дека додека се наоѓал на терен пред Собранието во континуитет преку радио врска и телефонски го известувал К. Б. за ситуацијата и воедно преку радио врска која се слушала внатре во Штабот во повеќе наврати упатувал барање за дополнителни полициски сили од Одделот за специјални полициски операции, а тоа биле единиците ПЕП, ЕБР и ЕСЗ, како и други сили, при што му било одговарано да се снаоѓа со силите со кои располага и дури во 21:00, 21:15 часот дошле во поголем број сили на ОСПО и во 21:20 веќе се превземале мерки да започне евакуацијата на пратениците. Сведокот Ѓ. С. наведе дека во моментот кога дошол А. Н. во Штабот упатил зборови кон записничарот велејќи „да се спасат пратениците, ги утепаа, ангажирајте сили да се спасат, специјални сили“ и барал од аналитичарот истото да се внесе на записник. Воедно се осврна и на исказот на обвинетиот Александар Василевски - Нинџа кој наведе дека од паркот „Жена Борец“ со службено возило го земал М. Л., син на Душко Лазаров, вработен во Управата за безбедност и котраразузнавање, Единица за следење, набљудување и документирање и го однел во базата на УБК во близина на Државна болница, каде од страна на обвинетиот Сашо Марковски биле уништени хард дисковите одземени од мониторинг собата во Собранието на РМ. За обвинетите Митко Чавков, Митко Пешов и Душко Лазаров истакна дека од материјални докази особено требале да се потенцираат Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи, златна, сребрена и бронзена команда и тоа чл.17 со наслов Нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем на најавени јавни собири, во кое било предвидено да доколку нарушувањето на јавниот ред и мир е од таков обем да не може да се воспостави со редовни полициски сили и средства, тогаш сребениот командир бара согласност од златниот командир за употреба на полициски единици од Централни полициски служби, Оддел за посебни единици, а по добивање на согласност, сребрениот командир бара од одговорниот на посебните единици да пристапи кон воспоставување на нарушениот јавен ред и мир при што му ја предава и одговорноста во однос на тактиките, средствата и методите на нивно постапување. Истакна дека од самиот почеток од страна на сребрената

команда, Началникот на СВР С. и неговиот заменик, сведокот К. Б. било барано од златната команда, а тоа бил Директорот на БЈБ, обвинетиот Митко Чавков, дежурниот од ОШ Душко Лазаров, Началникот на ОСПО Митко Пешов, согласност за ангажирање на силите на ОСПО, но таква согласноста не била дадена се до доаѓање на обвинетиот Митко Чавков во штабот во МВР. Член 20 од истото Упатство предвидувал „посебните и специјалните единици се ангажираат по доставено писмено барање од страна на сребрениот командир, а по одобрување и наредба на Началникот на ЦПС или по претходно издадено одобрување или наредба од страна на Директорот на БЈБ и Министерот за Внатрешни работи". Истакна дека имало План за ангажирање на Единиците од ОСПО за обезбедување на објектот на Собранието на РМ СД бр. 23.4-30/1 од 10.03.2017 изготвен од МВР ЦПС, Оддел за специјални полициски операции кој меѓу другото содржел и линија на командување. Наведе дека постапувањето на ангажираните сили од ОСПО ќе биде по наредба од Раководителот на помошниот штаб од СВР С., Началникот на СВР С., во зависност од развојот на настаните и состојбата на терен, по наредба на Раководителот на помошниот штаб од СВР С. ќе врши прераспоредување на ангажираните сили на ОСПО, а одговорен старешина за целокупниот ангажман на единиците на ОСПО ќе биде Началникот на ОСПО Митко Пешов. Во текот на изведувањето на задачата, координација ќе се врши од Штаб формиран за таа намена. Покрај планираниот ангажман, одговорниот на ОСПО по сопствена проценка или по добиени насоки од Оперативниот штаб може да ги ангажира и упати на други локации силите на ОСПО. Истакна дека тука е и Записникот за активности во ОШ по ОА „Платформа " за ден 27.04.2017 Ев. Бр. 22.4-2054 од 28.04.2017 година кој содржи: „18:50 граѓаните кои беа пред Собранието на РМ насилно влегоа во Собанието, 19:25 во оперативниот штаб пристигнува министерот Нухиу и побара од одговорниот во штабот да даде наредба да се евакуираат пратениците од Собранието, 19.30 министерот прашуваше за планот на оперативниот штаб, односно за планот на оперативната акција и притоа министерот информира дека пратениците кои се наоѓаат во сала 3 во Собранието се физички нападнати од страна на маскирани и вооружени лица и побара да се превземат мерки за евакуација на пратениците. Притоа му издаде наредба на Душко Лазаров да издаде наредба за евакуација на пратениците. По ова, Началникот Лазаров на помошникот началник во СВР С. К.Б. му даде насоки за упатување на полициски службеници пред сала 3 и на членот на оперативниот тим С. Т. му даде насоки за внатрешното обезбедување со сите расположливи ресурси да го обезбедуваат влезот пред сала 3 и истовремено го проверуваше податокот за физичкиот напад на пратениците во сала 3 во Собранието на РМ". Напомена дека во Штабот имало и телевизор на кој во живо се пренесувало тепањето на пратениците, но биле и благовремено известувани од терен за текот на настаните. Истиот немал причина дополнително да проверува и да бара потврда на овој податок. Смета дека од ова јасно произлегува дека обвинетиот Душко Лазаров воопшто

немал намера да постапи по барањето на Министерот за внатрешни работи, 19:58 Н. побарал итно да дојде раководителот на ОШ и побарал од Душко Лазаров да ги превземе сите превентивни и репресивни мерки, штабот да направи соодветна проценка и да превземе мерки. 20:08 во штабот пристигал Чавков кој дал наредба специјалните единици да почнат со превземање на евакуација на пратениците, 20:27 припадниците на специјалните единици влегле во сала 3 и превземале мерки за брза евакуација на пратениците, 20:35 започнала евакуацијата и до 20:43 евакуирани биле 30 пратеници. Појасни дека во Планот за превземање на оперативно-тактички мерки на ЕБР СД бр. 23.4.2-9/49 за ден 27.04.2017 година, меѓу другото во точка 3, Начин на дејствување на ОСПО, Одделот за специјални полициски операции за реализација на наведените активности во функција ќе ги стави ЕБР. Единицата за Брзо распоредување ќе дејствува во рамките на своите надлежности и намената која ја имаат во рамките на ОСПО, ЦПС, БЈБ и МВР на РМ согласно законските и подзаконските акти. Командата по која ќе постапуваат наведените организациски единици ќе се одвива по следната линија на командување, Началник на ОСПО, Командант на Единицата, Помошник Командант на Единицата, Командир на чета, вод, тим лидер итн. Се осврна на исказот на обвинетиот сега опфатен со Законот за амнестија Стефан Младеноски кој во својот исказ наведе дека додека биле пред кабинетот на Т. В., Никола Митревски имал комуникација со Горан Ѓошевски кој одел паралелно со нив и тој пробал да ја отвори стаклената врата со картичка, но Кољо ја искршил со нога, притоа бил дециден дека ја видел картичката. Сведокот Ј.М. истакна дека околу 21:00 часот кога отишла на влез Пријавница каде била присутна А. К. дошле четворица колеги кои се претставиле дека се од УБК и побарале да се отвори мониторинг собата за видео надзор, за што А. К. побарала дозвола од обвинетиот Горан Ѓошевски бидејќи нејзиниот непосреден старешина А. Ј. бил повреден, при што влезот во просторијата бил одобрен од страна на Горан Ѓошевски. М. лично познавала еден од лицата од УБК, обвинетиот Оливер Радулов. Ова нешто го потврдил и обвинетиот Горан Ѓошевски во својата одбрана, односно дека тој дозволил да се отклучи вратата од мониторинг собата. Сведокот А. Б. К. во својот исказ појаснила дека околу 20:50 часот и се јавил колега од внатрешното обезбедување Горан Пешков и и кажал дека добил усна Наредба од Началникот Горан Ѓошевски дека ќе дојдат двајца колеги од УБК и треба да влезат во мониторингот кај Пријавница за да ја следат состојбата, по што за десеттина минути кај мониторингот дошле двајца колеги од УБК, Сашо Марковски и Оливер Радулов, кои се легитимирале со беџови, кои биле со уште двајца кои ги претставиле дека се исто колеги од УБК, ама не биле, тоа бил обвинетиот Горанче Анѓеловски-Ќосето и лицето П. К.. Притоа и кажале на А. дека требале да влезат во мониторингот и дека било договорено со Горан, по што А. К. се слушнала со обвинетиот Горан Ѓошевски кој и кажал да ја отвори мониторинг просторијата бидејќи колегите биле дојдени во Собрание да ја следат состојбата за поефикасна

евакуација на пратениците, а дека било тоа наредба директно од Директорот на БЈБ Митко Чавков. Откако Сашо Марковски и Оливер Радулов влегле во мониторингот се задржале десеттина минути внатре и откако излегле си заминале со другите двајца колеги кои чекале во Пријавница, а станувало збор за обвинетиот Горанче Анѓеловски и лицето Пепи Кировски. За обвинетиот Горан Ѓошевски од материјални докази биле презентирани снимки од видео надзор каде се гледало како обвинетиот Горан Ѓошевски во ходникот испред влезните врати од Собранието додека пратениците ги отварале влезните врати не превземал никакви мерки за спречување на истите, воедно ја повикувал и насочувал толпата да влегува кон сала М. заедно со обвинетиот Абдуљфета Аљими, после тоа и во ходникот пред кабинетот на Т. В. повторно ја упатувал толпата кон сала 3, а во 18:52:12, првите луѓе од толпата се качувале во холот меѓу кои и обвинетиот Никола Митревски-Кољо, а додека Горан Ѓошевски зборувал на телефон и според листингот во тој момент разговарал со обвинетиот Митко Чавков. Разговорот траел 9 секунди, гестукилирал кон толпата со рака, а во меѓувреме толпата поминала покрај нив и влегла во холот кон прес ходник, комуницирал со лица од толпата со маски, после тоа во продолжение ја водел толпата по ходникот кон Прес, го престигнал Никола Митревски и му го покажал правецот, му ја отворил стаклената врата со картичка, но вратата ја крши Никола Митревски Кољо по што Горан Ѓошевски со рака им го покажал правецот кон Прес на Никола Митревски и лицата со маски, додека после тоа во уште неколку наврати со раце ја упатил толпата покажувајќи им ја локацијата на Прес, со рака и гестикулации. Напомена дека обвинетиот Горан Ѓошевски од 18:26 до 19:37 часот бил во постојана комуникација со обвинетиот Митко Чавков, особено термините 18:50, 18:56 кога се отвораат влезните врати на Собранието. Ова произлегло од анализата на телефонските броеви која е предложена и изведена како доказ. За обвинетиот Оливер Поповски, сведокот О.С. навел дека како дел од лицата кои биле задолжени за обезбедување во Собранието бил и обвинетиот Оливер Поповски кој стоел на вратата од Прес салата, при што Саше Т. им се обратил да превземат мерки на што обвинетиот Оливер Поповски му одговорил „Немаме наредба“. Наведе дека од материјални докази биле презентирани снимки од видео надзор каде на видео записот од главниот хол во Собранието се гледа како стои Оливер Поповски додека од страна на пратениците се отстранувале заштитните греди и се отварале влезните врати и притоа истиот не превземал никакви мерки за нивно спречување, а додека испред сала 3, Прес сала во моментот кога толпата го правела главниот притисок и кога се пробивал влезот во сала 3, Оливер Поповски се извлекол неколку метри наназад не укажувајќи помош на своите колеги кои се наоѓале на самиот влез од сала 3, додека пред негови очи во моментот кога излегувале пратеници биле туркани и удирани, но истиот не превземал никакви мерки туку после неколку минути по пробивањето на влезот влегол внатре каде што физички биле нападнати пратениците и другите присутни, но само стоел и не превземал

ништо. После тоа, кај влез Винар ги пречекал обвинетите Сашо Марковски, Оливер Радулов, Горанче Анѓеловски и лицето П. К. и ги однел кон мониторинг просторијата лоцирана кај влез Пријавница каде после тоа биле одземени хард дисковите. Од дополнително обезбедената снимка каде се гледало извлекувањето и тепањето на пратеникот З. С., се гледал обвинетиот Оливер Поповски како стои на страна и ништо не превзема. Истакна дека вакви полициски службеници се прво срам за униформата која ја претставуваат, а второ се срам за државата за која се имаат заколнато да ја штитат и чуваат. Во поглед на обвинетиот Оливер Радулов, посочи дека сведокот А. К. го посочила обвинетиот Радулов како тој и обвинетиот Сашо Марковски влегуваат во мониторинг салата, а во поглед на материјални докази има анализа на остварена телефонска комуникација од која би се издвоила, во 21:12, една секунда и 21:13, седум секунди Горанче Анѓеловски-Ќосето го бара Оливер Радулов, Никола Митревски-Кољо во 21:09 разговара 39 секунди, 21:10 СМС порака и во 21:24, девет секунди, во кои Кољо го бара Радулов. Истакна дека додека биле овие телефонски комуникации, обвинетиот Оливер Радулов бил во Мониторинг собата. Од видео надзорот се гледа дека во 20:43:15 обвинетиот Оливер Поповски дошол од ходник „Пријавница" и кај стаклената врата од ходникот кај влез „Винер" се нашол со обвинетиот Сашо Марковски, лицето Пепи Кировски, обвинетиот Оливер Радулов и обвинетиот Горанче Анѓеловски кои дошле од правец излез Гаражи и главен влез на Собрание, се поздравиле и ги однел кон влез „Пријавница". Потоа во 20:51:52 Сашо Марковски и Оливер Радулов влегле во мониторинг просторијата лоцирана кај влез „Пријавница". Во 21:15:24 сведокот А. К. од Пријавница дошла до мониторинг и во 21:15:35 обвинетите Сашо Марковски и Оливер Радулов излегле од мониторингот, А. К. го заклучила мониторингот, Сашо Марковски отишол кон ходникот кон излез „Винер", додека обвинетиот Оливер Радулов отишол прво кон кристална сала, за кратко се вратил и влегол во 21:16:13 во Пријавницата од каде во 21:16:28 Оливер Радулов излегол заедно со обвинетиот Горанче Анѓеловски-Ќосето и со лицето П. К., отишле во ходникот каде се споиле со Сашо Марковски и сите заедно отишле кон излез „Винер", каде излегле преку стаклената врата која води кон излез гаражи и главен влез на Собрание. За обвинетиот Мунир Пепиќ, истакна дека има материјални докази, при што наведе дека од видео запис од собраниските камери се гледа дека во 19:16:06 Мунир Пепиќ како дел од толпата се качил по скалите. Во 19:16:30 како дел од толпата се движел од правец Кабинет на Претседавачот Т. В. кон прес дошол и ги проверил, односно ги отворил сите врати од канцелариите. Околу 19:26 Мунир Пепиќ дошол од Прес Сала двете лица кои доаѓале од правец хол-кабинет на претседавач Т. В. со рака ги упатувал да се качат на вториот спрат и по нив и тој самиот се качил, за кратко повторно се симнал во ходникот кај лифтот и со рака граѓаните кои доаѓале ги упатувал и ги повикувал да одат кон Прес Сала. Истото дејствие го повторил во неколку наврати додека се наоѓал во ходникот пред Прес салата. Наведе дека од видео запис од вештачење на

лап топ марка DELL Фајл „ sliki i video 1079“, 00:58 се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ како дел од толпата додека пратеникот З.С. е физички нападнат од страна на толпата и веќе лежи на земја, при што се гледа како истиот со нога го удира. Осврнувајќи се на обвинетиот Абдуљфета Алими се повика на исказот на сведокот В.С. кој во својот исказ наведе дека на 27.04.2017 година задолжен за предните врати бил обвинетиот Абдуљфета Алими кој не само што не се ни обидува да го спречи отварањето на вратите и да му помогне на сведокот В. С. да не се отворат вратите, туки видно од снимките од видео надзорот масата народ кога влегува внатре во Собрание тој заедно со обвинетиот Горан Ѓошевски ја упатува кон сала М.. Обвинетиот Абдуљфета Алими многу брзо после настанот од 27.04.2017 година излегол со тврдење дека тој го спасил пратеникот З. С.. Наведе дека нема да навлегува во оваа негова изјава затоа што за ова се водел посебен предмет, но само ќе потенцира дека обвинетиот Абдуљфета Алими да си ги вршел своите задачи онака како што било предвидено со законот немало да има потреба никого да спасува. Тој кривичното дело го сторил многу претходно. Сведокот М. М. вработен тогаш како лично обезбедување на тогашниот претседавач Т. В. изјавил дека некаде околу 18:10,18:15 видел како Абдуљфета Алими му ги дал клучевите од средната врата на пратеникот Сашо Василевски откако истиот претходно му ги побарал. Наведе дека останало неодговорено прашањето од кои причини обвинетиот Абдуљфета Алими ги дал клучевите на обвинетиот, сега амнестиран Сашо Василевски. Одговорот требало и морало да го даде Абдуљфета Алими затоа што Сашо Василевски добил амнестија за своите постапки, а него му се заканувала казна затвор од минимум 10 години, доколку судот најде дека е виновен.  Во поглед на обвинетиот Игор Дурловски, се осврна на изјави на сведокот К. Д. кој во својот исказ наведе дека на симнување по скалите во Собранието од галеријата на Прес салата го видел Игор Дурловски кој стоел надвор од Прес салата и мисли дека ги посочувал лицата како организатор кој каде да оди и според негово мислење му испратил тројца луѓе со зборовите „и овој е еден од нив“, истите го нападнале, но сведокот успеал да се оттргне. Истакна дека обвинетиот Александар Василевски-Нинџа во својата изјава навде дека за цело време на траење на протестите во штабот на ВМРО, во кабинетот на К. Б., го гледал и Игор Дурловски, а Н. Б. му кажал дека обвинетиот Игор Дурловски заедно со обвинетите, сега амнестирани Богдан Илиевски, Борис Дамовски, Владо Јовановски биле исплаќани од страна на К. Б. да ги организираат и предводат протестите. Од ова недвосмислено произлегувало дека протестите ги предводеле од материјални причини, а не од идеали или политички убедувања. Право на обвинетиот Игор Дурловски било да не побара амнестија, но немал право да ја загрози судбината на државата кога ги предводел протестите кои еруптирале во невидено насилство. Смета дека било многу смело од него што се коцкал со својата судбина, но криминално од негова страна било да се коцка со иднината на државата. За обвинетиот Младен Додевски, наведе дека постојат

материјални докази, снимки обезбедени од МТВ 1, а имено на снимката се гледа обвинетиот Младен Додевски кој се туркал и применувал физичка сила кон припадниците на полициските сили поставени пред главните врати на Собранието, извлекол еден припадник на полициските службеници и во еден момент ја кренал десната рака и ја повикал толпата кон внатре во зградата на Собранието, употребил физичка сила кон припадниците на полициските сили поставени пред вратите на Прес салата кои се обидувале да ја спречат толпата народ да влезе внатре во Прес салата. Во поглед на обвинетиот Јане Ченто, пред се се осврна на исказот на заштитениот сведок С1 кој

во својата изјава меѓу другото наведе дека на 27.04.2017 година Јане Ченто бил во постојана комуникација со Александар Василевски-Нинџа на Вибер. Понатаму навел дека го слушнал Јане дека го удрил во пад кога тргнал кон Села, тој лично му кажал како до смрт го гази З. С., а кога излегол од Собранието бил убеден дека Села бил мртов и бил видно среќен и расположен поради тоа. Овој сведок навел дека Јане Ченто бил нон-стоп во комуникација со Митко Чавков од кого добил насоки во случај на влез во Собрание да се онеспособат камерите и каде може да се наоѓаат пратениците кои биле цел на нападот. Од снимките од мобилни телефони се гледал како обвинетиот Јане Ченто се приближува напред према пратениците и со прстот упатува закани кон истите, а потоа се гледа како со нога го удира во стомак пратеникот З. З., по што тој веднаш се наведнал наназад и двете раце ги ставил на стомакот. Од вештачењето на мобилни телефони одземени од обвинетиот Оливер Поповски може да се види како обвинетиот Јане Ченто со црвен чадор го удира по глава пратеникот З. С. додека истиот сеуште се наоѓал заедно со другите нападнати пратеници. За обвинетиот Горанче Анѓеловски истакна дека во 19:00:52 од презентираните видео записи се гледал кордон од ЕБР на долниот дел од скалите кои водат кон кабинетот на Т. В. кои го блокирале движењето на луѓето од толпата меѓу кои се наоѓал и овој обвинет кој во еден момент тргнал по скалите и се буткал со полицискиот кордон, при што еден од полициските припадници се обидел со рака да го задржи, но безуспешно бидејќи истиот му ја оттурнал раката и продолжил нагоре. Се осврна и на дејствијата на обвинетиот Игор Југ, при што наведе дека од изјавата од заштитениот сведок С1 произлегува дека Јане Ченто, Игор Југ и Д. Х. Ж. имале пиштоли внатре во Собранието со тоа што во еден момент Игор Југ и Ж. ги извадиле пиштолите, но Јане во тој момент не го извадил пиштолот. Имале намера да ги убијат З., С., М.. На ова сведочење се надоврзувал и исказот на обвинетиот, сега амнестиран Захарие Симовски кој наведе дека внатре во Собранието пиштоли носеле Игор Југ и Јане Ченто, при што појаснил дека Игор Југ во еден момент кога лице од обезбедувањето испукало еден куршум, посегнал по пиштолот кој му бил позади грбот и го репетирал. Сведокот В. М. во својот исказ наведе „се сеќавам многу убаво дека еден човек со брада, црна маичка, ќелав, една рака му беше вака позади и само брефташе, уф,уф,уф. После јас поминав позади, значи сега зборувам за десна моја страна од другата страна, го

видов истиот човек значи има пиштол во половината, тука, тогаш јас продолжувам да одам на таа страна и заедно со мене беше и пратеникот Џ. А.”. Сведокот Д. М. во својот исказ наведе „видов лице со оружје, лицето носеше црна маица со ознака ХОС, беше без коса на главата и со брада. Оружјето му беше во задниот дел на панталоните, под маицата. Во неколку наврати кога имав шанса, кога ќе бев така поставен можев да видам дека лицето посегнува по задниот дел од панталоните и во тој момент во рацете држи она што го видов, оружјето, значи никогаш не го извади целосно, но се гледаше, посегнуваше од време на време со раката кон тоа“. Сведокот М. З. во својот исказ наведе „Тоа што остави впечаток што успеав јас да го видам одозгора, беше едно лице со една рака држеше од позади пиштол и не беше во првите редови, туку ако не се лажам беше после вториот ред од луѓе што стоеја пред пратениците, дури во еден момент пиштолот кој го држеше му испадна и се наведна да го побара и да го најде”. Воедно истакна дека сведокот З. З. во својот исказ директно го посочил Игор Југ како лице кое имало пиштол во задниот десен дел од панталоните и барало чиста мета да пука правејќи процена според движењето на обвинетиот. Ова нешто произлегува и од Извештајот за мобилни уреди од вештачење на мобилни телефони одземени од обвинетиот Оливер Поповски каде се гледал обвинетиот Игор Југ свртен со грб према камерата како се држи за задната страна од панталоните и се гледа дека држи некој предмет во рака, повторно се гледал обвинетиот Игор Југ со грб свртен како се држи за задната страна од панталоните со десната рака на која има и тетоважи и се гледал како во рака држи темно сив предмет. Повторно се гледа како обвинетиот Игор Југ со својата десна рака држи предмет кој се наоѓал во задната страна од панталоните и на таа снимка убаво се гледа како се работи за многу темно сив предмет. Наведе дека во прилог на доказите приложени до судот се наоѓа и Известување во кое стои дека обвинетиот Игор Југ на 27.04.2017 година во Собранието на РМ физички го нападнал новинарот Д. Т. од новинската агенција „Мета”. Во поглед на обвинетиот Влатко Трајковски наведе дека од материјалните докази многу јасно се гледа како истиот со противпожарниот апарат во рацете прскал кон луѓето и истите со трчање бегале надолу по скалите. Од доказите се гледа како го удира со двете раце во горниот дел од телото оштетениот пратеник С. К., а по првите удари му задал уште неколку, а пратеникот С. К. паднал непосредно пред лифтот, а воедно обвинетиот Влатко Трајковски ја подбутнал, ја удрил со десната рака пратеничката Р. Ш., по што истиот продолжил да се движи према Прес салата. За обвинетиот Вилјам Михајловски, се осврна на снимка од МТВ 1 согласно која во горниот дел се гледал и обвинетиот Вилијам Михајловски без маска, пробувал насилно да влезе према вратите од Собранието, се туркал и применувал физичка сила кон припадниците на полициските сили поставени пред главните врати на Собранието. Се виде и дека употребил физичка сила кон припадниците на полициските сили поставени пред вратите на Прес салата кои се обидувале да ја спречат толпата народ да влезе внатре во Прес салата.

Од снимката доставена од ОЈО С., извадена од вештачење на мобилен телефон од НН лице се гледа во Прес салата како толпа народ која откако го извлекла пратеникот З. С. и физички го нападнала удирајќи го со раце и нозе во пределот на главата и телото, а меѓу толпата се наоѓал и обвинетиот Вилијам Михајловски кој замавнал со тупаница, а потоа со нозе го удрил пратеникот С. додека истиот лежел на подот од салата. Воедно се осврна и на дејствијата на обвинетиот Никола Митревски Кољо наведувајќи дека обвинетиот, сега амнестиран Михаел Младеноски во својот исказ навел дека Кољо го одбутнал А. Ј. при што истиот се задобил со повреди, а обвинетиот, сега амнестиран Стефан Младеноски во својот исказ навел дека преку брат му Михаел Младеноски на 27.04.2017 година околу 13:30 биле повикани од страна на Н.М. да дојдат во „Дион“. Додека седеле во „Дион“ околу 14:30 од страна на Александар Василевски - Нинџа била дадена насока и пари да се купат фантомки по што Стефан Младеновски и Н. М. отишле и купиле фантомки од продавница за воена опрема „Камуфлаж“. Околу 18:30,18:40 Н. М. им пренел дека Нинџа кажал да се тргне кон протестите пред Собрание и додека се движеле кон Собрание, на самиот излез од ГТЦ Кољо имал повторно краток разговор, по кој им рекол дека ќе се влегува во Собранието за да си ги стават маските. Навел дека Н. М. било лицето кое го бутнало А.Ј. пред Прес салата и во тој момент истиот се задобил со повреди. Разбрал дека Н. М. го удрил со тупаница обезбедувањето на О. С. пред Прес салата, а од страна на Н. М. додека биле во Собранието му било кажано дека истиот носел оружје додека бил во Собранието, но С. не го видел. Обвинетиот, сега амнестиран Захарие Симовски во својот исказ наведе дека околу 18:35, 18:40 додека биле кај „Дион“ Н. М. добил повик на мобилен и тогаш истиот им рекол „Ајде одиме накај Собрание“ и целата група почнала да се движи кон Собрание и некаде на излез од ГТЦ Н. М. добил уште еден повик по кој истиот отсечно рекол „Влагаме во Собрание“. Ова било пред отварањето на главните врати во Собранието и биле информирани дека вратите ќе бидат отворени. Понатаму наведе дека Н. М. пред Прес салата повлекол лице од Собраниското обезбедување кое паднало преку столовите, а се работело за А.Ј., тогаш Началник на внатрешно обезбедување на Собранието. Обвинетиот Александар Василевски наведе дека по насока на тогашниот Директор на УБК В. А. од негова страна биле остварени средби со Јане Ченто, како и со лицето Игор Југ, при што на средбата одржана во К. биле присутни Никола Митревски - Кољо и Јане Ченто. Понатаму наведе дека додека се наоѓал во штабот на ВМРО-ДПМНЕ, В. А. кој исто така бил присутен во штабот го известил дека бил во контакт со Никола Митревски Кољо. Од материјалните докази биле изведени видео снимки на кои се гледа како сведокот С. Т. со рака го оттурнал обвинетиот Никола Митревски кој стоел точно пред него носејќи црна фантомка на главата, по што се гледа обвинетиот Никола Митревски како го удира сведокот С. Т., потоа како Началникот на внатрешното обезбедување А.Ј. некој го удира и тој паѓа на фотелјите. Од исказите на обвинетите, сега амнестирани Захарие Симовски, Стефан и Михаел

Младеноски се утврди дека истиот бил удрен од страна на Никола Митревски – Кољо. Зборувајќи за обвинетиот Александар Василевски-Нинџа, се осврна на изјави на сведоци и материјални докази. Во исказот обвинетиот, сега амнестиран Стефан Младеноски наведено е дека директно од Нинџа разбрал дека истиот добил задолженија од В. А. да ги координира и контактира Патриотските здруженија. Понатаму наведе дека додека седеле во „Дион" околу 14:30 од страна на Александар Василевски - Нинџа била дадена насока и пари да се купат фантомки, по што Стефан Младеноски и Никола Митревски отишле и купиле фантомки од продавница за воена опрема „Камуфлаж", а кратко потоа уште еднаш по наредба на Александар Василевски било побарано да се купат уште 30 маски фантомки при што им дал уште 8.000,00 денари, а по маските отишле Стефан Младеноски и Филип Спасевски-Шеќер. На ова се надоврзува и исказот на обвинетиот, сега амнестиран Михаел Младеноски. Стефан во својот исказ наведе и дека Нинџа кратко излегол од „Дион", откако се вратил кажал дека се видел со Н. Б. и потоа Нинџа започнал да се јавува по Патриотските здруженија, да ги повикува велејќи дека сега бил денот и за некое време започнале во „Дион" да пристигаат припадниците на здруженијата. Обвинетиот, сега амнестиран Михаел Младеноски во својот исказ наведе дека откако излегле од зградата на Собранието, во „Жена парк" кај Градска болница дошол Н. Б. со „Голф 5" со затемнети стакла, сива боја, сопственост на УБК, при што дошол и

Нинџа и притоа Н. Б. им покажал дека во возилото има оружје, панцирни елеци, пиштоли, автоматско оружје и им кажал дека истото оружје треба да се подели на луѓе кои имале искуство од 2001 кои знаеле да ракуваат со оружје. Понатаму наведе дека додека биле во „Жена Парк" од страна на Нинџа и Н. Б. им биле дадени насоки да ги фрлат телефоните кои ги носеле вечерта, патиките, јакните, гардеробата и им кажувале алибија во случај да ги приведат. Се осврна и на исказот на обвинетиот сега амнестиран Захарие Симовски кој наведе дека некаде после 2016 година Александар Василевски го задолжил со пиштол бидејќи го назначил за негово обезбедување. Критичниот ден во „Дион" бил повикан преку Д. Д. Д. на барање на Нинџа. Кога бил во „Дион" видел како Нинџа му дал пари на Стефан и му рекол со Никола Митревски да одат да купат маски од „Камуфлаж". По излегувањето од зградата на Собрание отишол во „Жена парк" каде му пренел информација на Александар Василевски од Јане Ченто дека наводно во ресторан Пелистер на плоштад имало луѓе со бомби кои чекале на даден знак, на што Александар Василевски му одговорил да не се секираат и меѓу нив имало луѓе што знаеле да пукаат и дека тој бил подготвен да ги вооружи со оружје добиено од службите. Обвинетиот Александар Василевски во своја одбрана истакна дека по насока на тогашниот Директор на УБК, В. А., од негова страна биле остварени средби со Јане Ченто како и со Игор Југ при што на средбата одржана во К. биле присутни Никола Митревски и Јане Ченто. Понатаму наведе дека околу 16:00 часот на 27.04.2017 година тој остварил интернет комуникација со В. А. и притоа бил известен од В. дека СДС ќе бирале

Претседател на Собрание и побарал од Нинџа да ја следи состојбата и дека за истото В. веќе го известил и Јане Ченто. Тој по наредба на Н. Б. заедно со Никола Митревски се сретнале со Г. Б. во „Дион“ и му кажале дека ќе го побараат некои луѓе од службата во врска видео надзорот од ГТЦ. Појасни дека не биле обезбедени снимки од видео надзорот од ГТЦ затоа што истите веќе следниот ден биле избришани. Од материјалните докази и тоа Видео надзор се гледа како испред „Дион“ се гледал како Александар Василевски комуницира со лицата кои се собирале во „Дион“ и во 16:51:06 Стефан Младеноски дошол пред „Дион“, отишол кон терасата со книжна ќеса маски, фантомки купени од продавница „Камуфлаж“, му пришол на Александар Василевски кој седел па му ја покажал ќесата при што Александар Василевски гледал што има внатре во неа и проверил со рака, а во тој момент дошол и Никола Митревски-Коњо со кого нешто зборувале. Наведе дека Обвинителството докажа дека на 27.04.2017 година бил извршен организиран насилен напад врз една од најважните институции на Република М., нашето Собрание. Обвинителството докажа дека ова не било спонтан напад на насилна толпа луѓе. Обвинителството докажа дека ова не било резултат на зовриени емоции кои резултирале во неконтролирано насилство. Обвинителството докажа дека ова било со умисла планиран и спроведен напад од лицата кои денес седеле судница, но и оние кои благодарение на Законот за амнестија не биле повеќе во судницата. Доказите потврдиле дека превземените дејствија од страна на обвинетите не претставувале дејствие само за себе, истите биле поврзани и последователни од така како што било планирано, а со цел да се загрози уставниот поредок и безбедноста на Република М.. Истакна дека Обвинителството докажа дека овој случај не претставувал политички прогон и не бил резултат на политички реваншизам, Обвинителството докажа дека целта на ова обвинение била единствено спроведување на законот затоа што во текот на постапката се виделе единствено акти на насилство. Изведените докази несомнено ја потврдиле намерата на обвинетите за загрозување на уставниот поредок и безбедноста на Република М. да оневозможат и спречат избор на Претседател на Собрание со предизвикување акт на насилство внатре во Собранието на Република М. загрозувајки го животот на пратениците, новинарите, овластените службени лица, како и вработените во Собранието, со што кај сите граѓани на оваа држава, предизвикале чувство на несигурност, загрозување и страв. Некои од бранителите, а веројатно и некои од обвинетите би навеле дека целта не била да се спречи избор на Претседател на Собрание затоа што тој веќе бил избран кога масата народ влегла внатре во Собранието и дека се работело за спонтан настан. Смета дека при одлучување судот треба да има во предвид две работи. Прво, кога масата народ ја прескокнала заштитната ограда и тргнала кон влезните врати на Собранието тоа не го знаеле, иницијалната каписла била пеењето на албанската химна внатре на говорница во Собранието и второ, уште поважно, за да некој стане Претседател на Собранието на Република М. одлуката за негов избор

мора да биде објавена во Службен весник на Република М., без тоа тој де јуре не бил Претседател. За сето време додека постапувала по овој случај, односно предмет, не можела да се оттргне од впечатокот не толку за упорноста на обвинетите во сторување на кривичното дело, туку пред се на нивната организираност и затоа очекува и организаторите да застанат во истата судница. Од овие причини предложи обвинетите Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски - Леви, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Абдуљфета Алими, Игор Дурловски, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Никола Митревски - Кољо и Александар Василевски - Нинџа да бидат огласени за виновни за кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста по член 313 од Кривичниот законик, а обвинетиот Оливер Радулов да биде огласен за виновен за кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста по член 313 вв чл. 24 од Кривичниот законик. При одмерување на видот и висината на казната судот да ги цени како отежителните, така и олеснителните околности кои стојат на страна на обвинетите и да им изрече казна со која ќе бидат постигнати целите на казнувањето.

Бранителот на обвинетиот Митко Чавков, адвокат Сашко Дукоски во завршен збор наведе дека на крајот сме на еден од најголемите предмети како по правна квалификација, така по број на обвинети, а секако и по важност од осамостојувањето на Република М. до денес. Смета дека ниту постои било каква вина кај обвинетиот Митко Чавков за постоење на било кое кривично дело вклучително и за кривичното дело од чл.313, ниту пак во конкретниот случај воопшто постои кривично дело кое се јавува во диспозитивот на обвинителниот акт. Осврнувајќи се на завршните зборови на Јавниот обвинител и диспозитивот на обвинителниот акт наведе дека како опис на дејствија за извршување за сите обвинети, со посебен осврт на обвинетиот Митко Чаков, е наведено: „Со намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на Република М.“, „да оневозможат и спречат избор на Претседател на Собранието на Република М.’’ потоа „предизвикале акт на насилство во Собранието на Република М. како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт“, „ги загрозиле животот на пратениците, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието на Република М.“, „со што создале чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните“. Наведе дека Застапникот на обвинението поставува ваков опис се со цел да според него го оправда, ама баш без било каков доказ постоењето на ова во законот определено можеби најтешко кривично дело или едно од најтешките, па овластениот тужител сметал дека со ставање на повеќе наводни дејствија за извршување, обвинението ќе биде поиздржано. Нагласи дека за кривично дело, каде минималната казна затвор е предвидена од најмалку 10 години има нецела реченица од дејствија на извршување на обвинетиот Митко

Чавков, а имено како дејствие на извршување на обвинетиот се наведува „со неиздавање наредби за распоредување на дополнителни полициски сили за надворешно и внатрешно обезбедување на Собранието“ и со тоа наводно е овозможено да се влезе во Собранието на Република М.. Смета дека за вакво кривично дело пола реченица не може да биде доста за некој да биде огласен за виновен и тоа наводно дејствие да биде без било какви припреми, останати дејствија, голо да биде извршено токму на 27.04. и со тоа да се исполни законското битие на кривичното дело за кое обвинетиот се терети. Ова дотолку повеќе што на истата таа страна од диспозитивот на обвинителниот акт, се наведува дека наводната толпа во прв момент не успеала да влезе во Собранието на Република М., бидејќи имала безбедносна заштита во вид на вратите на Собранието на Република М. се додека, а ова го вели Застапникот на обвинението, лицето опфатено со законот за амнесија К. М., не ја отворил вратата, па токму затоа не смее во ниеден момент да има дилема како е сторено ова кривично дело. Дали со пропуштање на извршување, што е невозможно за вакво кривично дело, односно „о деликта омисива“, односно вакво кривично дело не може да се изврши со пропуштање, покрај тоа што нема никакво пропуштање кое што ќе се утврди со анализата на доказите. Или пак дејствието на извршување на ова кривично дело е сторено преку отварање на вратите, а не преку наводно неиспраќање на дополнителни полициски сили. Истакна дека  со оглед дека се работи за едно од најтешките кривични дела каде што треба неспорно, прецизно и категорично утврдување надвор од било каков сомнеж, постоење на директна умисла за загрозување на уставниот поредок на Република М. и нејзината безбедност и исто така посебна намера насочена во овој правец, која потоа би требала да биде надоврзана со наводните дејствија на обвинетиот, а тоа да биде потврдено со докази, за да има целокупна целина за да може ова кривично дело да опстане. Воедно наведе дека обвинетиот Митко Чавков во моментот на вршењето на кривичното дело е директор на БЈБ, а од исказите на сите сослушани сведоци, а пред се на сведокот А. Н., се утврдува дека тој е иницијатор за формирање на оперативната акција „Платформа“ а тоа е сторено на самиот почеток на месец март 2017 година, а со цел за да се формира тело во рамките на МВР кое би било во состојба и имало задача да спроведува стратешко координативни задачи во врска со протестите на Движењето „За заедничка М.“. Самиот сведок наведува дека на неформален состанок кај него во кабинет, дошле обвинетиот Митко Чавков и други три лица, секако припадници на високи структури на МВР и било одлучено да се формира оперативната акција „Платформа“. Потписот на решението за формирање на оваа оперативна акција е на министерот Н., иницијативата е на господинот Чавков, при што токму обвинетиот Чавков е тој кој посочува кој според него би бил најсоодветен да биде именуван како прв човек на оваа оперативна акција. Тоа е заменикот министер за внатрешни работи Директор Б. Д., кој што и вистина е наименуван за прв човек во почетокот на оваа оперативна акција. Истакна дека при образлагањето на

обвинението се посочило дека обвинетиот Митко Чавков имал таканаречена златна команда, па бидејќи таква имал, во таа оперативна акција „Платформа“, оттука Јавниот обвинител смета дека секако и произлегува неговата неопходно потребна вина за ова кривично дело директна усмисла и намера, но според него тоа не е така и никако не може да биде така. Целта и задачата на оперативната акција „Платформа“ била стратегиско дејствување и координација во постапувањето со посебните СВР оддели кои во Република М.ги има осум на број. Исклучиво надлежни за постапување се определените СВР при МВР на РМ и конкретните лица кои тоа го чинат. Од нивна страна, а со посредство на судот, биле обезбедени повеќе од 200 пишани докази за активноста на оперативниот штаб, оперативната акција „Платформа“. Во таа смисла, на ден 24.04.2017 година, од началникот на СВР С. сведокот И.В., до БЈБ побарано било 50 униформирани полициски службеници од други СВР и МВР, а се работи за барање 28-3902/1. Во врска со ова, веднаш наредниот ден на 25.04.2017 година, со телеграма од директорот на јавна безбедност господинот Митко Чавков, биле одобрени по количина и функција такви униформирани полициски службеници, со прецизирање дека од СВР Т. ќе има 30 полициски службеници и од СВР О. 20 полициски службеници. На ден 26.04.2017 година, од истиот барател на тие 50 униформирани полициски службеници, И. В. е доставено до БЈБ отповикување на претходното доставено барање за 50 униформирани полициски службеници, па наведува дека не може да се работи за неиздавање наредба за ангажирање на дополнителни полициски сили, кога тој што е надлежен да изврши проценка по број и вид на полициски службеници, доставува барање, истото му се одобрува, потоа самиот го повлекува. Колку припадници на вакви единици било побарано за 27.04.2017 година, толку е одобрено. Инокосно, целосно самостојно е во надлежност на СВР С., барањето за ангажирање на вакви полициски или по вид и количина и такви се одобрени, така што и во овој дел не може да стои тезата на Обвинителството дека не издал некаква наредба за издавање на дополнителни полициски сили. Воедно наведе дека видно од доставениот доказ за телефонски разговори помеѓу обвинетиот Митко Чавков, началникот на ЦПС, сослушаниот сведок Г. Ѓ., обвинетиот Митко Пешов, И. В., В. Н., се утврди дека за цело време почнувајќи од 18:30 часот до наредбата за употреба на шок бомби кои согласно видео презентираниот материјал, а и од исказите на сведоците се утврди дека ја има издадено Митко Чавков, нема било какво дејствие на извршување. Во врска со материјалните докази кои се наведени од страна на Застапникот на обвинението пред се укажа на Упатството на кое се повикува овластениот тужител како некаков акт кој што би требало да биде некаква бланкетна норма иако неговото значење е никакво во однос на Законот за полиција и членовите од тој исти закон, 15, 16, 20, 24, 88, 89, 91 и 92. Но, дури да се прифати ова упатство со никаква или минорна важност, правна, во конкретниот случај и кое што е донесено за разработување на одредбите од Законот на полиција, а не одредбите од ова упатство да бидат

супериорни во однос на овој закон ќе се дојде до следното: Член 20 од ова упатство вели „Посебните и специјални единици се ангажираат по доставено писмено барање од страна на сребрениот командир, а по одобрување и наредба на началникот на Централни полициски служби или по претходно одобрување или наредба од страна на директорот на БЈБ или министерот за внатрешни работи“, сведокот А. Н.. Посочи дека за конкретниот ден има барање за ангажирање на два вода од посебни и специјални единици по нивна проценка и такви се одобрени. Осврнувајќи се на исказот на загрозениот сведок С1, истакна дека тој кажал дека никогаш не бил присатен кога Митко Чавков разговарал со обвинетиот Јане Ченто и со обвинетиот Александар Василевски Нинџа, па дури во својот исказ наведува дека пред 27.04. немало било каков контакт помеѓу Митко Чавков и овие двајца обвинети, за да потоа наведе дека тие контактирале како вели овој сведок интензивно, па наведува определени локации каде тоа се случувало, но од друга страна сведокот децидно изјавил дека лично не слушнал некогаш разговорот преку телефон, физички помеѓу Јане Ченто и Александар Василевски со Митко Чавков, туку дека ова му е кажувано од страна на обвинетиот Јане Ченто. Според него зачудувачки е зошто при состојба да овој сведок исто така спомнува постоење на определена група на Вибер, во кој што бил и тогашниот директор на УБК, а секако не бил обвинетиот Митко Чавков, а ова обвинителот воопшто не го споменувал при својот завршен збор. Ова има своја додатна тежина ако се има во предвид дека ова лице, В. А. е осомничено. Смета дека сведокот А. Н. давал одбрана, а не исказ како сведок за нешто што забележал или слушнал, но тоа е само негова перцепција, при што ги набележа поентите на исказот на овој сведок, кој меѓу другото вели „кога започнаа протестите за „За Зедничка М.“ кај мене на неформален состанок дојдоа директорот на БЈБ Митко Чавков, заменик директорот на БЈБ Б. Д., директорот на УБК В. А., неговиот заменик А. А. и се договоривме да се формира оперативна акција во рамките на која ќе има оперативен штаб со оперативен тим. Митко Чавков е иницијатор за формирање на оваа оперативна акција“ што го потврдува неговиот исказ на главна расправа, но и повеќе од 200 докази кои биле обезбедени од страна на судот од МВР по барање на одбраната од која се утврдува активноста, целите на оваа оперативна акција и нејзиното целокупно и секојдневно дејствување од нејзиното формирање до 27.04.2017 година и понатаму. Цитираше дел на неговиот исказ каде вели „На 10.03.2017 година јас повторно свикав колегиум поради промената на затната команда, а со тоа и раководењето со ОШ. На овој колегиум се дадени 8 насоки и заклучоци“. Понатаму во својот исказ овој сведок вели дека „за време на овие два колегиуми и за време на неформалните состаноци тогашниот директор на БЈБ беше многу коректен и колегијален“. Воедно наведе дека овој сведок во својот исказ наведе дека со обвинетиот имале коректен и колегијален однос кога биле во прашање сторување на кривични дела како што било палењето на Музејот на албанската азбука во Б. и нападот на новинарот на порталот на А1 ОН. Смета дека ова е

битно од неговиот исказ со што се утврдува дека ниеден полицаец, а во конктерниот случај ова е исказ на Министер за внатрешни работи неможе да знае ако некој не го информира дали тоа е УБК, дали се тоа други служби во рамките на определено СВР, дали и што се спрема или ќе се случи, па во тој правец Н. навел дека тој од ниедна служба на МВР не бил информиран ниту од партијата од која потекнува дека ќе се бира Претседател на Собрание и смета дека постои пропуст во работењето на службите чија задача била да се предвидат овие настани и да се превинираат. За 27-ми вели дека се работи за обичен работен ден како и 60 дена пред тоа, никој, ниту Министерот за внатрешни работи, ниту било кој член на оперативната акција „Платформа", ниту било кој од водечките структури при СВР С. очекувал или можел да очекува настан на нарушување на јавен ред и мир, па затоа, пред се Министерот, а потоа и сите останати, по завршување на работното време се упатуваат кој каде, најчесто во своите домови, единствено во оперативниот штаб останува дежурниот Д. Л.. Во 18:00 часот Министерот за внатрешни работи му испраќа порака на Митко Чавков дали имало можност да ескалира ситуацијата во Собрание. Оваа порака е пратена во 17:59 часот, а во 18:00 часот добива повратен одговор од Митко Чавков дека нема можност и дека засега се е под контрола и во 18:04 часот добива одговор дека надвор нема проблеми. И во тоа време немало надвор проблеми, се било како претходните 60 дена, па поставува прашање што е тука вината на Митко Чавков, кај е тука директната умисла и намера? Нагласи дека од телефонските разговори кои се изведени како доказ дека од 18:30 часот Митко Чавков до издавањето на наредба за употреба на шок бомби и евакуација на пратениците активно давал наредби, од 18:30 телефонски и тоа на сведоците В. Н., Г.Ѓ. – З., М. П. и сите останати кои што биле надлежни за постапување, а од доаѓањето во оперативниот штаб, како што според самиот сведок А. Н. нешто малку после 20:00 часот преку телефон, но и преку издавање на директни наредби на присутниот С. М. – Х. кој преку радио врска понатаму ги пренесувал наредбите на Митко Чавков, значи нема непостапување иако ова кривично дело не може да постои со непостапување. Смета дека ова се потврдува и од исказот на сведокот А. Н. кој навел дека кратко после тоа, се мисли после 20:00 часот добил информација дека С. е повреден и дека групи од Ч. и други места, бивши припадници на УЧК се спремаат да тргнат накај Собрание, му ги пренесол на Чавков и тој му рекол на С. М. по прекар Х. да се ангажираат дополнителни специјални единици и да се превземат сите неопходни мерки како би се воспоставил ред во Собранието, а воедно и да се евакуираат пратенците, па наредбата за евакуација на пратенците и според овој исказ и според другите докази се од Митко Чавков и од никој друг. Воедно се осврна и на исказите на В. Н., Г. Ѓ., М. П., Д. Л., С. Т., за кои вели дека ноторно укажуваат дека има активно командување и издавање на наредби за постапување. Во поглед на чл.20 од Упатството истакна дека согласно истиот наредба за употреба на посебни специјални полициски сили може да даде Министерот за внатрешни работи. Смета

дека сосема неосновано било тврдењето на Јавното обвинителство дека посебните и специјални единици можеле да се повикаат, стават во готовност и да дејствуваат во рок од 45 минути. Такво нешто ниту еден единствен сведок, припадник на полицијата, не кажува, туку секој се ограничува и вели дека тоа е тешко да се каже додека се работи за неколку часа. Истакнува дека одреден дел на барање на истото тоа СВР С., по негова проценка се упатува на обезбедување на спортски натпревар во сала во А.. Осврнувајќи се на исказот на Митко Пешов наведе дека веднаш кога добива наредба за постапување или како тој вели помеѓу 19:40 и 19:45 часот прераспределил 10 припадници кои биле пред спортската сала во А. веднаш да отидат во Собранието на РМ. Сите овие се ангажирани, сите други се неангажирани и по редот на нештата не може да се соберат за 45 минути, некои се наоѓаат надвор од С., некои вршат свои лични работи бидејќи не се ангажирани. Воедно наведе дека умисла за вакво кривично дело не се формира за 1 час затоа што тоа е невозможно. Митко Чавков е иницијатор на почетокот на месец март на формирањето на оперативната акција „Платформа“, секојдневно учествува во нејзината работа, самиот Министер тогашен, а сега сведокот Н. наведува дека имале изузетно коректен и колегијален однос особено при разрешување на одредени кривични дела а сега има наводно нејавување на Директор на БЈБ кој за цело време командува во тоа време кон Министерот за внатрешни работи и веднаш има директна умисла за ова кривично дело и секако обвинение за тоа. Самиот Н. наведува дека после доаѓањето во штабот на Митко Чавков, тој повторно станал кооперативен, колегијален и почнал да издава наредби. Во поглед на пораката која на 26.04. која до Митко Чавков ја има испратено некое лице и вели „Директоре... во текот на денот“, се мисли на 26-ти, „околу 13:00-13:30 часот се планира нешто од страна на...“, како вели он „другата страна“, се мисли на ДУИ. Оваа порака на 26.04. е пратена кон Н.Г. од страна на Митко Чавков појаснува дека она што било посочено за некакво комуницирање помеѓу Панче Кралев и Митко Чавков нема никаква врска со конкретната порака. Пораката на Митко Чавков е на 26.04., а пораката на Панче Кралев е на 27.04. и е насочена кон Н. Г., пратена е околу 16:00 часот, во која се вели дека дента, се мисли на 27-ми, најверојатно ќе се бира Претседател на Собрание. Оваа порака потоа од страна на Г. е препратена до тогашниот Претседател на Собранието на РМ Т. В.. Митко Чавков ниту пратил некоја ваква порака, ниту имал било какво сознание дека ваква порака некој некому пратил, а секако не е точно тоа што го кажува Обвинителството дека пораката на П. К. била према Митко Чавков и била на 27-ми, па истакнува дека она што го тврди Обвинителството апсолутно не е точно. Наведува дека сведокот В. Н. кој што е сведок на обвинителството, а инаку е помошник командант на командантот на ЕБР и кој дента не бил на задача, но се наоѓал во близината на Парламентот на РМ, во угостителски објект, меѓу другото наведува дека согласно побарувањата што се дадени од СВР С. во врска со протестите и воспоставена оперативна акција „Платформа“ се изготвувале оперативни

планови за обезбедување на протестите, планирањето на силите ангажирани на протестите, ги изготвувале тие, командата ЕБР согласно останатите ангажмани, а за планот за 27.04. истиот навел дека Планот се изготвувал секојдневно, но секој ден се подготвувал посебен план. Тој бил претходниот ден на работа, планот го изготвил тој во координација со колегите од Штабот на ЕБР, а распоредите за ангажирање припадници ги изготвувале нивните старешини, комнадирите на чети, командирите на водови, односно раководителите на основните единици, а барањата за ангажманот стигале преку Одделот за специјални полициски операции согласно претходно побарување од СВР С. и согласно тие побарувања се постапувало. Исто така во врска со наводното недејствување како е тоа опишано во диспозитивот на обвинителниот акт на Митко Чавков посочи изјави на сведокот В. Н. кој вели дека во тој временски период (18:50 часот) исто така добил телефонски повик од Митко Чавков, кој исто така побарал од него да му ја презентира состојбата и на истиот му кажал дека во моментот се случува обид за влез во Собрание, од кого добил насоки да превземе мерки и активности во врска со справување на константната состојба. Понатаму наведува дека го информирал началникот на Одделот за специјални полициски операции и од истиот добил насоки со силите да се влезе внатре во Собранието и да се воспостави нарушениот јавен ред и мир во Собранието, по што В. Н. веднаш го контактирал З. Г.. Нагласува дека овој сведок навел дека во 19:00:10 повторно му се јавил директорот Митко Чавков, а исто така му се јавил и Митко Пешов и истите му дале насока со сите расположливи сили да се упати, односно да ги упати силите кон Прес салата број 3 каде што во моментот имало големо нарушување, па истото и го сторил и му дал наредба на одговорниот З.Г. да се упати веднаш према Прес салата и Салата број 3. Во 19:02:21 часот, не цели 2 минути после првата наредба, Митко Чавков повторно му се јавил и му рекол заради поголемото нарушување на јавниот ред и мир со сите сили и средства му дал наредба да се отстрани блокадата од Прес салата и да се продолжи напред со цел да се влезе во Прес салата и да се пружи помош. Истакна дека сведокот го побарал директорот на БЈБ Митко Чавков во 20:17:35 часот и побарал да употребат пиротехнички експлозивни средства, шок бомби и да пробаат на тој начин да влезат, за што од истиот добил одобрување. Смета дека кога ова ќе се стави со корелација со забележаниот видео материјал ќе се утврди дека по наредба на Митко Чавков во временските интервали и тоа: 20:23:20, 20:25:22, 20:47:53, 20:58:13, 21:05:04 и 21:06:00 се употребени шок бомби кои никогаш не се употребуваат во затворен простор поради можните последици што истите би ги предизвикале. Овие шок бомби се употребени по наредба на Митко Чавков кој што командувал активно и е целосно свесен за ризикот кој што го превзема со издавањето на наредба за употреба на шок бомби и за последиците од нивната употреба. Наведе дека истото го изјавува и командантот на ЕБР М. П. во врска со тоа дека исклучиво по оцена и барање на СВР преку ОСПО се врши ангажирање на единицата, при што истакна дека С. М. – Х. се наоѓа во штабот и нему

наредби му дава Митко Чавков, а наредбите се пренесуваат преку радио врска од страна на именуваниот М. и Г. Ѓ. . Овој сведок истакна дека реално време за собирање на припадниците немаат тестирано и нема такво време, а и не може да има такво време, припадниците се од различни делови на М. и затоа не може да се посочи тоа време. За 45 минути припадник на ЕБР од Т. не може да дојде во полна припремност и да дејствува во С., а камоли истиот да престојува и да живее во О., Б. или друг град. Бранителот се осврна и на исказот на сведокот Г. Ѓ. кој на 27.04. 2017 година во попладневните часови се наоѓал во близина на својот дом, надвор од него, во с. К. и истиот наведува дека почнувајќи од некаде 18 часот и 40 минути па понатаму во постојан контакт бил со Митко Чавков кој му давал насоки за постапување и тоа при првичното слушање додека овој сведок не дошол физички во штабот на МВР. Смета дека овој сведок е многу education деципден и категоричен кога наведува дека по добиените насоки и наредби добиени телефонски од Митко Чавков тој ги пренесувал истите за конкретно дејствување со употреба на сите расположливи сили, средства и методи за враќањето на нарушениот јавен ред и мир во поголем обем. По доаѓањето на Митко Чавков во оперативниот штаб истиот го превзел целосното командување и тоа на начин што му издавал наредби на С.М.- Х. кој потоа преку радио врска ги пренесувал неговите наредби. Смета дека треба да има баланс и затоа е потребна сразмерност помеѓу акцијата и реакцијата, а секако во конкретниот случај имало навремена, континуирана и пропорционална реакција од страна на МВР. Во завршниот збор се осврна и на исказот на сведокот Т. А., началник на Единицата за јавен ред и мир при Одделот за униформирана полиција и истакна дека овој сведок како долгогодишен искусен полицаец дава многу децидни одговори на тоа каква е улогата на оперативниот штаб и какви се задачите и обврските на конкретните СВР, па во врска со тоа истиот наведува дека кога се формира оперативна акција покрај оперативниот Штаб на централно ниво, биле формирани помошни оперативни штабови во секој Сектор за внатрешни работи каде што одговорен на тој помошен оперативен штаб бил началникот на СВР кој ги определувал членовите во неговиот помошен оперативен штаб и кој што определувал кој ќе биде одговорен за секој јавен собир на подрачјето на секторот, тоа е фактичката самостојност на секторите за внатрешни работи во делот на нивното формирање и справување со проблемите на подрачјето на секторот. Улогата на оперативниот штаб била доколку побараат дополнителни ресурси да им се одобрат за да успешно ги извршат поставените задачи, а во оперативниот дел постапувањето било во рамките на секторите за внатрешни работи. Задачата на оперативната акција, на БЈБ била координативна, а секое конкретно дејствие се врши од непосредните извршители преку нивните први луѓе, а тоа биле конкретните СВР. Ова е всушност децентрализацијата на ниво на држава на функционирање на МВР, па затоа оди барање од СВР за одобрување на полициски сили и затоа одат така сите дејствија. Воедно се осврна и на изјавите на сега амнестираните браќа Стефан и Михаел Младеноски, при

што истакна дека истите во својот исказ наведуваат дека тие знаат дека сето ова е реализирано од страна на УБК, Управата за безбедност и контраразузнавање, па овие сведоци исто така наведуваат дека нивните контакти во УБК им кажувале дека Чавков бил надвор од ова, не бил кооперативен, не можело со него да се воспостави било каков контакт и дека всушност имало одредена спротивставеност помеѓу овие две служби во МВР, па смета дека ова се многу интересни искази, особено поради силината на аргументите кои што се даваат. Истакнува дека сведоците на одбраната и личните телохранители на Митко Чавков, В. Ц. и Н.Д. многу јасно, децидно опишале каде се движел Митко Чавков од излегувањето на конкретниот датум до нивното одење дома, па околу движењето на обвинетиот Митко Чавков наведува дека е поткрепено со базните станици кои што го пратат неговото движење од неговиот телефон, па има базна станица кај Сити Мол, Архивот на Република М. и слично, а без било каква причина, а секако без било што да се докаже со тоа, се посочува на базна станица таканаречена ВМРО и „Алмако“ и при недостаток на докази се сака да се утврди дека фактички, бидејќи обвинетиот се наоѓал на таа базна станица значи се наоѓал во седиштето на ВМРО, а ова е целосно неточно. Базната станица ВМРО не е само за штабот на ВМРО, туку и за многу околни објекти во центарот на С., вклучително и улица „М.“, Трговскиот центар „Плаза“ и слично. Оддалеченоста помеѓу компанијата „Технометал Вардар“, каде обвинетиот се наоѓал и седиштето на ВМРО е воздушна линија од 50 до 70 метри. При ваква состојба на нештата секако дека базната станица во тоа време, после 18:00 часот ќе биде ВМРО и „Алмако“, тие се превземаат една со друга, но за ова кривично дело треба да има многу поцврсти докази, а не кој се наоѓал на која базна станица. Осврнувајќи се на правната квалификација истакна дека во ниеден момент не сака да каже дека Митко Чавков е виновен за било кое друго кривично дело, туку во неговите дејствија нема било каков елемент на било какво кривично дело. Дури и се она што го тврди Застапникот на обвинението да е точно, а не е, смета дека не е доволно ни за дисциплинска одговорност, а камоли за вакво кривично дело. Принципот на легалитет, нешто што секој Јавен обвинител мора да го применува, во таа смисла, истото важи и при подигнувањето на ова обвинение. Не може еден настан да биде ист по време, дејствија и место, а да биде квалифициран со четири различни кривични дела. По начинот како се водеше оваа постапка, не зборува за оваа конкретна, него воопшто за настаните од 27.04., неспорно е поимањето дека се работи за среќа која некој ја имал или ја немал. Кога ова го вели мисли на обвинетите, па ако некој има најмногу среќа и е веднаш обвинет за истиот настан, ќе биде обвинет и осуден за член 385 од КЗ, односно Учество во толпа што ќе изврши кривично дело. Ако некој има помалку среќа, ќе биде обвинет за кривично дело Насилство. И првите и вторите обвинети поаѓајќи за какви кривични дела се обвинети и од запретените казни, поминале багателно. Со ова не сака да каже дека некој е виновен, но едноставно е невозможно исти настан да има различен третман. Третата правна квалификација за

истиот настан е обид за Убиство, која што исто така како дело е полесно од ова, а четвртата правна квалификација е оваа, после минимум 7-8 месеци на предистражна постапка, правно недозволиво и секако неосновано. Воедно истакна дека посочува два факти. 06.07.2001 година, протест на протераните раселени лица пред Собранието на Република М. со влегување на тие лица, оштетување на предмети и употреба на огнено оружје, автоматско огнено оружје. Ниеден обвинет немало, ниедна постапка не се водела за тоа и во тој случај имало пратеници, Парламент и исти настан. Смета дека Обвинителството не надвор од некакво разумно сомневање, туку воопшто не докажало со било каков доказ, материјален или вербален, дека во дејствијата на Митко Чавков има било каков елемент за кривичното дело за кое се терети, нема директна умисла, нема посебна намера, нема некаков резултат во вид на кривично дело од неговото наводно недејствување, па поради тоа нема ни кривично дело кај него. Предложи судот да донесе пресуда со која што обвинетиот Митко Чавков ќе го ослободи од обвинение.

Бранителот на обвинетиот Митко Пешов, адвокат Павлина Зефиќ во завршен збор наведе дека ќе започне со реченицата на една многу позната драма на уште попознатиот режисер С. К., драмата со наслов „Очи широко затворени“,бидејќи оваа фраза се користи кога се сака да се покаже лик или лице кое што замижува пред вистината, некој кој што премолчува пред факти баш онака како што Застапникот на обвинението премолчил пред сите факти и докази кои што оделе во полза на Митко Пешов. Споменатата драма била базирана на новела со наслов „Новелата за сонот“ и насловот ја асоцирал на предметната постапка затоа што сонот на Застапникот на обвинението дека докажал надвор од разумно сомнение вина за обвинетиот Митко Пешов. Наведе дека мора да започне со обвинителниот акт кој што им бил доставен на 31.01.2019 година со кој Митко Пешов се товари за едно од најсериозните кривични дела, Терористичко загрозување на уставен поредок, за кое кривично дело е пропишана минимална казна затвор од 10 години, а во обвинителниот акт името на Митко Пешов се среќавало само во две реченици. Ако она што претставувало опис во обвинителниот акт и каде што се споменувал Митко Пешов се подели ќе се направат четири групи на кривични дејствија. Наведе дека Митко Пешов се товари дека не издал наредба за распоредување на дополнителни полициски сили за надворешно и внатрешно обезбедување на Собранието со што се овозможило да се влезе непречено за да се оствари целта на насилниот упад. Втората точка за која што се гони била дека не издал наредба за ангажирање на полициско засилување по барање на овластени службени лица за ангажирање на дополнителни полициски сили за обезбедување и заштита на Собранието, а спротивно на Упатството за златна, сребрена и бронзена команда, дека не ја извршил наредбата за ангажирање на посебните и специјалните единици на тогашниот Министер за внатрешни работи на Република М., сведокот А.Н., дека не издал наредба за евакуација на пратениците од зградата на Собранието, овозможувајќи

непречено да се вршат акти на насилство. Во обвинителниот акт кривичните дејствија кои што ги опишала претходно не биле поделени, групно биле дадени за тројца обвинети и тоа за Митко Чаков, за Митко Пешов и за Д. Л., без да се разграничи конкретно кој од наведените лица го сторил кривичното дело. Но и покрај тоа, наведе дека ќе даде контра аргументи за сите точки во обвинението каде што се споменувало името на Митко Пешов. Прв сведок кој што требал да биде круцијален за Обвинителството бил сведокот А. Н., но излегло спротивното, сведокот А. Н. бил круцијален за одбраната. Обвинителството во оваа постапка постојано сакало сите да ги убеди дека сведокот А.Н. како поранешен Министер за внатрешни работи на 27.04.2017 година му издал наредба на Митко Пешов за ангажирање на посебните специјални сили, но тоа не било точно и за тоа потврда било сведочењето на А.Н. кој кажал дека по завршување на работното време си заминал во својот дом, село С., Теарце, а за настаните во Собранието се информирал од неговиот колега заменик Директор на БЈБ. Откако ја увидел состојбата во Собранието, телефонски кажа дека комуницирал со златниот командир, Директорот на БЈБ. Во меѓувреме забележал дека состојбата ескалирала во Собранието, па тргнал на пат кон С.. Во период од 18:00 часот до 19:30 часот разговарал и со началникот на СВР С., како раководител на помошниот штаб на оперативната акција „Платформа“. Со него Нухиу остварил 9 телефонски повици, кое значи дека тогашниот Министер за внатрешни работи комуницирал и со златниот командир и со сребрениот командир онака како што налагал командниот протокол. Од комуникацијата со златниот командир, директорот на БЈБ, сведокот А.Н. добил ветување дека нема можност состојбата да ескалира, се е под контрола, порака добиена во 18:03 часот. Потоа добил уште една порака во 18:04 „надвор нема проблеми“. Од комуникацијата со сребрениот командир, тоа бил началникот на СВР С., сведокот А. Н. добил одговор дека се правеле обиди и напори од СВР С. и од помошниот штаб да се превземат соодветни мерки предвидени со плановите на оперативниот штаб. Сведокот појасни дека додека патувал од неговиот дом кон С. остварил повеќе телефонски комуникации и со Митко Пешов како тогашен началник на Одделот за специјални полициски сили или ОСПО и тоа во период помеѓу 19:00 и 20:00 часот остварил 5 телефонски комуникации. Од сите разговори со Митко Пешов добил одговор дека се правеле обиди за ангажирање на дополнителни полициски сили, што било точно. Сведокот А. Н. пристигнал во С. во 19:25 часот и се упатил во Оперативниот штаб. Кажа дека кога влегол во оперативниот шаб барал од дежурниот да се превземат мерки за евакуација. Преку сведочењето појаснил дека златниот командир, Директорот на БЈБ пристигнал во оперативниот штаб после 20:00 часот, па А.Н. како тогашен Министер за внатрешни работи барал од него да издаде наредби. Не појаснил какви наредби А. Н. барал да издаде златниот командир, дали да издаде наредба да ги ангажираат сите специјални полициски сили, целосна мобилизација на посебните полициски сили, дали барал наредба да биде издадена за употреба на

присилба, наредба за употреба на шок бомби, дали барал наредба да се евакуираат пратениците. Она што овој сведок го навел и што било точно, било дека наредбите во оперативниот штаб биле издавани исклучиво од златниот командир како што наведе А. Н. по неговото доаѓање почнало да се постапува институционално. Во поглед на Митко Пешов, овој сведок наведе дека со Митко Пешов разговарале за ангажирање на специјални единици, бара што побрзо и поефикасно да интервенираат и да се превземат мерки според планот на оперативниот штаб, но сведокот А. Н. во ниту еден момент не го споменал зборот наредба, исклучиво зборувал за разговори со обвинетиот Пешов, не за издавање наредби. Јасно било дека сведокот Н. во ниту еден момент не издал наредба онака како што предвидувале правилата и процедурите во МВР. Не дал наредба за целосна мобилизација на специјалните полициски сили, а да била издадена таква наредба Митко Пешов како професионалец ќе постапел по истата. Меѓу А. Н. и Митко Пешов имало разговори каде тогашниот Министер за внатрешни работи се распрашувал како постапувале специјалните полициски сили на терен, кое го потврдил и обвинетиот Митко Пешов во својата одбрана. Сведокот наведе дека како Министер за внатрешни работи можел да дава само насоки во поглед на состојбата, па потоа појаснил дека од Пешов барал поддршка, односно постапување, ама наредба не споменал, а во потврда на наведеното ќе го цитира и неговиот исказ, кој кажал „во моментот кога јас не можев да стапам во контакт со раководителот на оперативниот штаб, се обидов да стапам во комуникација и со другите началници, односно одговорни според плановите, оние за кои што имаше пристап во оперативниот штаб, во тие моменти кога полицијата не постапува, јас нормално дека барав поддршка, односно барав да постапуваат началникот на ОСПО и сите други со кои што успеав и телефонски непосредно да комуницирам со нив“. Воедно се осврна и на исказот на сведокот А. А., кое сведочење длабоко и останало во меморијата. Имено, сведокот А.А. кажал дека е вработен во МВР, дека на 27-ми април бил личен телохранител и обезбедување на О. С.. Во неговиот исказ кој што бил доста трауматичен кажал дека токму ЕБР и посебните специјални единици оние кои што биле испратени од началникот на ОСПО Митко Пешов биле оние кои што им ги спасиле животите, оние кои што ги евакуирале пратениците, ја растуриле масата во Прес центарот и ги однеле на безбедно. Сведокот К. Б., исто така вработен во МВР, на ден 27.04.2017 година бил член на помошниот оперативен штаб кој што бил формиран во СВР С., а активностите кои овој штаб ги имал во врска со Оперативната акција „Платформа“ биле изготвување планови за безбедносна проценка и сознанија кои ги имале во врска со настаните кои што биле на подрачјето на СВР С., кое значело дека биле надлежни да добиваат, да обработуваат податоци и сознанија во врска со протестите „За Заедничка М.“ и сето она што требало да се случува. Наведе дека тие биле должни да имаат информација кога ќе се случи изборот на претседателот на Собранието, кога ќе биде денот Д како што го нарекувале многу лица во судницата, требале да имаат

информации какви активности биле планирани внатре во Собранието, да имаат информации какви активности биле планирани од организаторите на настанот, дали постоеле индиции за насилство и што планирала толпата. Врз основа на тие податоци, помошниот штаб требал да изготвува оперативни планови за постапување на силите на СВР С. меѓутоа и за други сили, кое значеи дека СВР С. било должно да ја проценува состојбата на терен и да ги планира силите на терен. Сведокот Б. појаснил дека силите кои што ги планирале за ОА „Платформа" биле многу мали, кој податок не бил непознат и за тогашниот Министер за внатрешни работи А. Н.. Прво тој им кажал „справувајте се со капацитетите кои што ги имате, продолжете да ги обезбедувате местата на подрачјето на СВР С. каде што е можно нарушување на јавниот ред и мир", да превземаат активности за да се спречат физички напади на етничка основа и да се обезбедуваат сите витални објекти каде што би можело да дојде до нарушување на јавен ред и мир. Сознанијата кои што СВР С. ги имало во врска со протестите биле дека протестите биле мирни, ненасилни и поради тоа сведокот Б. кажал дека од 15.03.2017 година ги намалиле силите кои што им биле потребни за обезбедување на протестот. Тие сили биле намалени на повеќе состаноци за кои што зборувал сведокот, меѓутоа на ниту еден состанок не учествувал Митко Пешов како началник на ОСПО Единицата затоа што не бил во командниот протокол. Во поглед на командниот протокол и наведениот сведок доста зборувал, па како носител на бронзена команда го посочил името на лицето З. С.. Кажал дека помеѓу него и помеѓу З. С. како бронзен командир постоела комуникација, при што му издавал наредби за постапување, му издал наредби да раководи со силите кои што биле на терен да ја следи будно состојбата и да го известува за сите промени на терен. Откако масата почнала да ја тресе заштитината ограда сведокот Б. му кажал на бронзениот командир да ги распореди силите кои што ги имал на терен, му кажал каде да ги постави силите од ОСПО. Токму З. С. како бронзен командир бил должен да раководи со силите кои што ги имал на терен. Воедно сведокот Б. кажал дека остварил еден телефонски повик со Митко Пешов како началник на ОСПО. Причината за разговорот помеѓу нив двајца била следна: „да се запознаам со силите и да утврдам дали Пешов располага со одреден број на дополнителни сили во приправност кои што би можеле да ми бидат дадени на располагање доколку ескалира состојбата пред Собранието". Сведокот навел дека Митко Пешов го известил, го запознал дека нема сили во приправност и дека сите сили што ги има и поседува во моментот се на располагање на СВР С., а тоа се два вода, но биле изведени голем број на материјални докази во рамки на постапката и се виде дека токму СВР С. кое што било надлежно да врши надзор и контрола на протестите за ден 27 април 2017 година не побарало од началникот на ОСПО да има дополнителни полициски сили во приправност, па се поставува прашање дали за тоа треба да биде виновен Митко Пешов. Веднаш потоа сведокот појаснил дека остварил комуникација со бронзениот командир, му кажал да ги постави силите од

ОСПО пред вратите на Собранието и да комуницира со одговорниот од внатрешното обезбедување за да се обезбедат вратите од Собранието. Во повеќе наврати сведокот Б. кажал какви наредби му издавал на бронзениот командир С., а имено му рекол да раководи со сите сили, да направи тампон зона, да издава наредби кон ОСПО единиците и да изврши обезбедување на пратениците, односно нивна евакуација, па бранителот наведе дека ништо од тоа не било направено од страна на бронзениот командир. Исто така наведе и дека лицето кое што било во команден протокол и кое што имало одговорност не е помеѓу обвинетите во судницата. Како и бројни сведоци и овој сведок кажал дека евакуација, извлекување на пратениците од Собранието се случило кога пристигнале силите од ОСПО кои што биле испратени од началникот на ОСПО Митко Пешов. Наведе дека интересен исказ дал и сведокот И. В., началникот на СВР С., кој што според Упатството за златна, сребрена и бронзена команда бил носител на сребрената команда на 27.04.2017 година и тој кажува за силите со кои што го обезбедувале протестот „За Заедничка М.“, кажа дека намалување на силите имало во координација со оперативниот штаб, односно раководителот на оперативниот штаб, а по претходно добиени сознанија дека протестите се мирни и ненасилни. Сведокот В. појаснил дека остварил комуникација со тогашниот Министер за внатрешни работи А.Н., кој во телефонски разговор го прашал дали ја следи состојбата пред Собранието, па му рекол „гледај таму да биде се под контрола“ и дека слична комуникација постоела помеѓу тогашниот Министер за внатрешни работи и обвинетиот Митко Пешов. Наведе дека таков разговор не бил издавање на команда според правилата и процедурите на МВР и дека не било се под контрола онака како што Министерот за внатрешни работи му кажал на сребрениот командир на 27.04.2017 година, но дека никој од надлежните од СВР С. за тоа што се случило на 27.04. не одговарал. Наведе дека и сведокот И. В. исто како и Митко Пешов му дал ветување на тогашниот Министер за внатрешни работи дека ќе се справат со силите на терен и ќе координираат. Според бранителот не е грев да ветиш дека ќе дадеш максимум да се справиш со ситуацијата која што ја гледаш на терен и за тоа нејасно и е зошто Митко Пешов седи на обвинителната клупа. Од исказот на овој сведок се дозна дека сведокот К. Б. барал исклучиво засилување од силите со кои што раководи СВР С., во кое не влегуваат силите од ОСПО. Истакна дека во ниту еден момент од сите докази не виделе наредба или барање од сребрениот командир И.В. кон началникот на ОСПО Митко Пешов да бидат повикани целокупниот состав на ОСПО Единицата, нивна мобилизација, односно барање за нивна мобилизација немало. Сведокот Г. Ѓ. наведе дека во месец март 2017 година бил вработен во МВР, на работно место Началник на Централни полициски сили, а по хиерархија над него биле Директорот на БЈБ и Министерот за внатрешни работи. Сведочел дека неговото работно место било укинато, имало промени во Законот за полиција и слично и тврдел дека не ја потпишал иницијативата за воспоставување на ОА „Платформа“. Кажал дека бил член на

оперативниот штаб „Платформа“, а видно од материјалните докази ги потпишувал и сите барања и одобренија за давање на водови од полициските сили кои што биле барани од СВР С. и појаснил дека учествувал во работата на Оперативниот штаб со негово присуство на состаноци. Кажал дека на 27-ми април сите сознанија за она што се случувало во Собранието ги добивал од неговиот помошник началник, лицето со име С. М. со прекар Х., кои временски тие податоци ги добил околу 19:00 часот, па го известил по ранг повисокиот, Директорот на БЈБ Митко Чавков. Во 19:30 Директорот на БЈБ му издал наредби одредени раководни старешини од Одделот за обезбедување да дојдат во штабот на МВР. Притоа истакна дека сведокот Г. Ѓ. бил носител на сребрена команда по сите правила и процедури во МВР, истиот живеел во С. на одалеченост од неколку километри и знаел што се случувало пред Собранието на 27.04. ама истиот пристигнал во оперативниот штаб некаде после 20:00 часот, а со Министерот Н. не контактирал на 27.04. Наведе дека телефонски разговарал со неговиот помошник и со Началникот на ОСПО Митко Пешов. На тие две лица бил должен да им издаде наредба за целосна мобилизација на ОСПО силите, но им рекол „постапувајте по процедури“, а после појаснил што значело да се постапува по процедури, рече „мислев на луѓето кои што се ангажирани пред Собранието“. Сведокот воопшто не споменал наредба за ангажирање на целокупниот состав на ОСПО силите, а процедурите на кои што ги упатил началникот на ОСПО Митко Пешов и неговиот помошник викале чекај наредба за ангажирање на ОСПО силите од оние кои што биле во команден протокол, а тоа бил тој. Од негова страна немало ниту барање кон златниот командир или Министерот да ги активираат специјалните полициски сили, а имале право овие две лица да издадат такво одобрение. Сведокот појасни дека при крајот на 2017 година добил отказ од своето работно место, Началник на централни полициски сили бидејќи против него била водена дисциплинска постапка за тоа дека не ги ангажирал посебните и специјални полициски сили на 27.04.2017 година, што е комплетно истото она за што Обвинителството го товари Митко Пешов. Истакна дека сребрените командири, И. В. и Г. Ѓ., според Упатството за златна, сребрена и бронзена команда, имале право но обврска да донесат одлука по сопствена проценка кога гледале што се случувало во Собранието да се ангажираат ОСПО силите, а се со цел да се спречат непоправливи последици по здравјето и безбедноста на граѓаните, а какви што имало на 27.04, а тоа било регулирано во членот 8 од Упатството. Наведе дека бронзената команда била таа која што била на терен, таа била круцијална, клучна, имала целосен преглед во состојбата која што била на терен, можела да раководи со силите кои што ги имала, можела да им издава наредби да постапуваат. Бронзена команда на 27.04. имал сведокот З. С. кој рекол дека бројката на полициски службеници која што ја имал била следната: 40 униформирани полицајци и два вода од ОСПО силите. Бронзениот командир појаснил дека кога видел дека состојбата пред Собранието станувала тензична, од

неговиот претпоставен старешина, К. Б., побарал дополнителни сили и од него му било укажано да постапува со полициските сили кои што ги имал во моментот бидејќи СВР С. во моментот не располагало со дополнителни полициски сили. Наведе дека не недостасувале само дополнителни полициски сили од ОСПО како што тврдело Обвинителството, туку ги немало и од униформирана полиција на 27.04. Наведе дека сведокот З. С. со леснотија раскажувал како толпата народ ја прескокнала заштитната ограда, како го пробила првиот кордон и дошла пред вратите на Собранието. За прв пат токму од овој сведок бил употребен терминот „пасивна употреба на сила“, а пасивна употреба на сила не постоела во ниту еден план кој што бил изготвен од ОСПО силите, но постоела во оние планови кои што биле изготвени од СВР С., стоела во нивните планови дека ќе употребуваат пасивност. Тоа што заборавил овој сведок да го каже, а сите го виделе од видео материјалите било дека полициски службеници тие што биле во униформа пред заштитната ограда немало, граѓаните можеле многу лесно да ја поминат заштитната ограда, никој не ги спречил. Исто така сведокот заборавил да каже зошто издал наредба да ги прегрупира полициските службеници со кои што раководел пред страничните влезови на Собранието, влез кон Дом на АРМ, влез кон гаражи, кога сите виделе каде толпата го вршела притисокот, на влезната врата предна од Собранието која што гледала кон „Жена парк“, а тој си ги прераспределил полициските службеници на страничните влезови каде што толпата не ни била фокусирана. Практично бронзениот командир кој имал најголема улога на терен ги оставил полициските службеници од ОСПО единицата сами да се справуваат со ново настанатата состојба, распоредувајќи ги своите колеги од униформираната полиција пред влезови каде толпата не ни била фокусирана, па бранителот го постави прашањето за каква професионалност на овој сведок се зборува. С. многу јасно кажал дека бронзената команда профункционирала откако на терен дошол помошникот командант на ЕБР, сведокот В. Н.. Да командувал бронзениот командир на 27-ми смета дека исходот на сите ќе бил познат и јасен, па може да се заклучи дека Обвинителството ги амнестирало од одговорност носителите и на сребрена команда и на бронзена команда, оние кои што биле одговорни, но најголем грев на Митко Пешов бил што не бил на 27.04 во командниот протокол бидејќи во тој случај ќе ги исполнувал условите да биде гонет за Терористичко загрозување на уставен поредок и да му биде изречена казна од минимум 10 години. Сведокот В. Н., исто така вработен во МВР на работно место помошник командант на ЕБР појаснил како ги правеле плановите, распоредите во ЕБР, по чие барање, по барање  на СВР С. итн. Сведокот кажа дека на 27-ми април не бил на работа, имал слободен ден. Некаде околу 18:30, 18:35, 18:40 часот се чул со неговиот командант, тоа бил Командантот на ЕБР, сведокот М. П., од кого добил информација дека имало нарушување на јавниот ред и мир пред Собранието и го испратил на терен за да им укаже помош на колегите. Кога пристигнал овој сведок видел дека масата веќе ја имала прескокнато заштитната ограда и дека се наоѓала пред вратите

на Собранието. Како одговорни лица со кое што требал да комуницира на терен му биле посочени бронзените командири, значи З. С. и командантот на чета на ЕБР, тоа бил Г. З.. По пристигнувањето на терен тој ја превзел бронзената команда во свои раце и почнал да издава наредби за што поефикасно и побрзо да се справат со ситуацијата на терен. По напатствија на својот претпоставен, неговиот командант М. П., добил насока сите информации да ги препраќа кон Началникот на ОСПО Митко Пешов, а се со цел побрзо и поефикасно да има комуникација. Не негирал дека се слушал и со Директорот на БЈБ Митко Чавков, како златен командир и исто и него му пренесувал информации од терен, а кога масата влегла во Собранието како што навел сведокот некаде околу 19:00 часот, Н. се слушнал со Митко Пешов и од него добил наредба веднаш да влезат ЕБР во Собранието и да воспостават јавен ред и мир. Началникот на ОСПО му кажал дека ќе испрати засилување и тоа засилување од 2 тима на ПЕП и 1 тим на ЕСЗ. Тоа било засилувањето кое што ги спасило пратениците, новинарите и другите лица кои што биле нападнати и затекнати во Прес центарот, кое јасно покажувало дека Митко Пешов на 27.04. издавал наредби, издавал насоки и тоа кон лицата кои што биле хиерархиски по ранг пониски од него. За нападот на пратениците и новинарите дознал од З. С., наведувајќи дека тоа се случило некаде околу 20:00 часот. Бранителот истакна дека наведеното време го потенцира бидејќи таа информација сведокот ја добил и од З. С. и од Г. З. околу 20:00 часот, па веднаш за истото го известил Митко Пешов, кој му кажал да се упатат кон Прес салата и да превземаат мерки да ги спасат пратениците. Во временскиот интервал од 19:15 часот до некаде 20:15 часот Митко Пешов патувал од К. кон С., не седел пред телевизиски екрани да гледа што се случува во Собранието, сите информации од терен ги добивал од В. Н. телефонски. Од видео снимките кои што биле изведени како доказ, оние видео снимки од внатрешноста на Собранието, холот „Длаборез", холовите кои водат кон Прес салата, евидентно било присуството на овој сведок и точно се видела неговата збунетост и растрчаност кон Прес центарот и тоа во временски период околу 20:00 часот што давало потврда дека точно тогаш дознал дека пратеници се тепале во Прес центарот, кое зборува дека овој сведок бил доста кредибилен и дека треба да му се поклони верба од страна на судот. Околу 20:00 часот тој се упатил со силите кон Прес центарот, кажал со каков отпор се соочувал од страна на демонстрантите, агресивна маса, шок бомби, средства за присилба, се со цел да се дојде до Прес центарот. Во периодот околу 20:00 часот според сведочењето на Н., а кое било потврдено и со други докази, во Собранието пристигнале два тима на ПЕП и еден тим од ЕСЗ или „Тигар" упатени од нивниот началник Митко Пешов. Н. раководел со тие сили, ги упатил во Прес салата и се започнало со интервенција. Паралелно течела интервенција на ЕБР за да ја разбијат импровизираната блокада, направена со инвентар, со маси, со столици и слично. Н. јасно опишал што правел во Собранието, план за кордон за евакуација на лицата, ги прегрупирал силите кои што дополнително дошле, направил план за

блокада на вратата што водела кон претседателскиот кабинет до ходникот. По добивање на наредба за употреба на пиротехнички експлозивни средства, шок бомби, ја заплашиле масата, дошле до Прес центарот, ја обезбедиле салата и ги дислоцирале повредените лица во една од канцелариите на првиот кат која што претходно ја обезбедиле. Во меѓувреме постојано пристигнувале на терен дополнителни сили за интервенција од ЕБР, од ЕСЗ и од ПЕП, но нивната задача била да ја потиснат масата од Собранието и да направат кордон за евакуација на сите лица надвор од Собранието. Кога тие дошле пратениците веќе биле на сигурно обебзедени во ходникот што биле испратени како засилување. Се осврна и сведочењето на М. П., командантот на ЕБР кој објасни дека на 27-ми април од страна на носителот на активноста од нив биле побарани само 2 вода за обезбедување, 2 вода од ЕБР. Сведокот од своите потчинети кои што биле на терен добил информација дека демонстрантите ја треселе заштитната ограда, се консултирал со началникот на ОСПО Митко Пешов, вратил дел од водот кој што претходно го упатил за обезбедување на салата „Јане Сандански", тоа биле 10 припадници на ЕБР и се договориле на терен да го испратат В. Н. за да помага и да раководи со состојбата. Наведе дека во повеќе наврати Обвинителството инсинуирало дека обвинетиот Пешов издал наредба за состанок во време кога масата била влезена во Собрание наместо да даде наредба за постапување. Овој сведок јасно кажал зошто биле викани во базата на ЕБР од страна на Началникот на ОСПО Митко Пешов. Базата на ЕБР се наоѓала во касарната Ѓ. П., таму им било работното место на сите специјални полициски сили, па истите биле викани на работното место онаму каде што требале да направат подготовки, да направат координација и да направат припреми за формација на припадниците на ЕБР. Нивното упатување во базата во Ѓ. П. било клучно од причина што претходно ги направиле подготовките за постапување и на тој начин го намалиле времето кое што им било потребно за да се справат со ситуацијата на терен. Сведокот појасни дека најбрзо што можеле да пристигнат припадниците на ЕБР, оние што биле од С. било 45 минути, но истите доаѓале од дома и не биле во формациска приправност, па и по претпоставка дека обвинителството било во право, Митко Пешов според нив требал да издаде наредба уште во 18:30 кога се тресела заштитната ограда за целосна мобилизација на единиците, односно на ЕБР, па 18:30 плус 45 минути тоа би било 19:15 кога тие би пристигнале на своето работно место, но тие не биле спремни веднаш за на терен. Но, на ова време, 19:15 требало да се додаде и времето кое што им било потребно за да направат координација со нивните старешини, да направат план како ќе влезат во Собранието, како ќе постапуваат, да се стават во формација, да се организираат со возила, најрано што можеле да тргнат би било 19:45, па би пристигнале околу 20:00 часот. Наведе дека го потенцира ова време затоа што некаде околу 20:00 часот на терен веќе било пристигнато засилувањето кое што било упатено од Митко Пешов, двата тима на ПЕП и еден тим на ЕСЗ, тие веќе интервенирале во Собранието. Понатаму

наведе дека како што сведочел П., од неговиот претпоставен Митко Пешов барал да ги викне припадниците од ЕБР од дома значи тие кои биле и од С. и од другите градови и кажал дека за такво повикување на целосниот состав на ЕБР му била потребна наредба од неговиот претпоставен, а тоа бил Митко Пешов. Меѓутоа Митко Пешов требал да добие ваква наредба од неговиот претпоставен, при што истакна дека хиерархијата во МВР била иста како хиерархијата и принципот на субординација. Околу 19:30 сведокот П. се слушнал со сведокот Н., па добил информација дека состојбата веќе била тензична и добил информација дека му биле повредени колеги. Веднаш се слушнал со Пешов, кој што му кажал дека бил во тек со состојбата и дека ќе прател засилување, не излажал, засилување од ОСПО единицата било пратено на терен. Потоа Пешов повторно му се јавил околу 20:15 минути и му издал наредба за целосна мобилизација на ЕБР и тие веднаш се упатиле кон Собрание. Времето било заштедено, подготовки за интервенција веќе биле направени во базата на ЕБР и тие се упатиле кон Собранието. Кога пристигнале во Собрание почнале да помагаат се со цел да се спречи насилството и да се воспостави нарушениот јавен ред и мир. 20:15 часот бил период кој што бил потенциран од Обвинителството, силите на ОСПО веќе интервенирале, веќе ги превзеле мерките за евакуација на пратениците и новинарите од Прес центарот и нивно дислоцирање на безбедно. За целиот тој период, овој сведок постојано добивал наредби од Митко Пешов за постапување, за евакуација, за потиснување на масата, наредби од Митко Пешов кон ова лице имало и тоа било повеќе од јасно. Постојано бил на телефонска комуникација со своите потчинети и издавал наредби, им издавал насоки. М. П. кажа дека единствените наредби кои што стигнувале од лице кое што било во хиерархиски ранг над него на 27.04. биле токму од Митко Пешов. Дури во 20:30 минути за прв пат командантот на ЕБР бил телфонски контактиран од страна на помошникот началник на ЦПС, С. М. Х.. Началникот на ОСПО се наоѓал во Собранието на ден 27.04. упатен по наредба на А. Н. и заедно со своите колеги како што посочил учествувал во евакуација на повредените и пратениците. На предлог на одбраната бил сослушан и сведокот Б. Т., кој сега бил вработен како началник на ОСПО на работното место на Митко Пешов, а на 27.04. бил командант на ПЕП единицата. Тоа било лице вистински професионалец, вработен во МВР од 1992 година. Посочил дека на 27-ми април од Пешов добил наредба да извлече дополнители полициски сили од неговата единица, полициски сили кои што ниту биле побарани ниту биле планирани за обезбедување на Собранието на 27-ми април. Во базата кажал дека имал 13 лица кои што по добивање на наредбата околу 19:40 ги упатил кон Собранието. Сведокот Т. упатил една група од 13 припадници на ПЕП, уште една група на овие 13 плус, кои што во 19:00 часот вршеле смена, па штом смената завршила биле веднаш упатени во Собранието. Тоа биле вкупно 26 припадници на ПЕП службата, а не онака како што кажало Обвинителството 13 само. Сведокот посочил дека и тој самиот се упатил со припадниците од ПЕП службата пред Собранието и

таму им се приклучиле уште 15 лица од ЕСЗ. Пристигнале и две групи од по 5-6 лица од ЕБР што значи дека вкупната бројка која што Митко Пешов ја испраќа на терен како засилување била следнава: 26 припадници на ПЕП, 15 припадници на ЕСЗ и од 10 до 12 припадници на ЕБР. Тие припадници се приклучиле на овие 2 вода 52 припадници од ЕБР кои што биле планирани за обезбедување на Собранието за тој ден. Наведе дека не треба да се заборави и треба да се потенцира времето кое што било посочено токму од овој сведок, времето што било потребно за целосно да се мобилизира единицата ПЕП, а имено рекол „Потребни ни се од 3 до 6 часа за да се мобилизира оваа единица". Истакна дека ако Митко Пешов не ги искористил силите кои што му биле достапни во тој момент, оние за кои што претходно зборувала, засилувањето и во 18:30 кога масата почнала да ја тресе заштитната ограда издал наредба за целосна мобилизација на ПЕП службата, до 21:30 додека не пристигнала Единицата ПЕП во Собранието пратениците ќе биле оставени на милост и немилост на разгневената маса. Наведе дека гревот кој што Обвинителството му го припишува на Митко Пешов бил тој што не издал наредба за целосно ангажирање на специјалните полициски сили како што таа тоа го нарекува, мобилизација, во 18:30 часот кога бил известен за тресењето на оградата ако тоа можело воопшто да се нарече грев. Т. А. сведок, искусен полициски службеник, учествувал во голем број на оперативни акции како акцијата „Платформа", појаснил која била улогата на оперативниот тим во кој учествувал и Митко Пешов, кажал дека тоа било помошно тело на Оперативниот штаб и било надвор од командниот протокол, тие не биле носители ниту на сребрена, ниту на бронзена, ниту на златна команда. Ја појаснил улогата на Началникот на ЦПС Г. Ѓ. З. како носител на сребрена команда и појаснил дека полицајците од СВР С. овластување имал да ги повика веднаш началникот на СВР С. и тие што биле во моментот на работа и тие што биле дома, додека припадниците на ОСПО силите сеповикувале со наредба на раководителот на Оперативниот штаб. Во еден сегмент при давањето на својата одбрана обвинетиот Александар Василевски Нинџа споменал разговор помеѓу златниот командант Митко Чавков и обвинетиот Митко Пешов. Наведе дека имало голем број на видео снимки кои што се гледаа, имало снимка УСБ Фајл, Камера 8, се гледал холот „Длаборез", се гледало евидентно присуство на ПЕП службата каде што се упатувале кон Прес центарот и на таа снимка се давал јасен преглед на ходникот кој води кон Прес салата, се виде дека имало многу луѓе, се виде дека имало метална врата за која што зборувал сведокот В. Н., командант помошник на ЕБР, се виде вратата која што била обезбедена со лисици за да се заштитат евакуираните пратеници. Потврда колку била комплицирана акцијата за дислоцирање на пратениците од Прес салата на безбедно дала и таа снимка, се гледа буткање со толпата, удирање, толпата ги удирала полициските службеници, мавање со стапови и инвентар, шок бомби, димни бомби. Во овој период масата го блокирала влезот пред Прес центарот, поставила голема клупа на кој начин се виде колку им било

тешко на специјалните полициски сили кои што биле на терен и што постапувале што во целост ја рушело тезата на Обвинителство дека постапување од специјалните полициски сили на 27.04. немало. Најдобар приказ за тоа како се мачеле да влезат во Прес центарот покажала снимка од мобилен телефон на која што се гледаат специјалните полициски сили како се справуваат со масата, како пробуваат да влезат во Прес центарот каде што биле заробени пратениците и тука пак се гледале шок бомби, употреба на физичка сила и мавање со ПП апарати и со скали, инвертар, со столици, се виде откорнатата врата на Прес центарот, паѓање на плафон, па бранителот го постави прашањето што било тоа ако не акција од страна на полициските службеници на 27.04. Наведе дека факт било дека постоело постапување за што говореле бројни докази, УСБ 4 фајл, УСБ 5 фајл камера 14, 15, УСБ 8 фајл, на кои снимки се гледа постапувањето на специјалните полициски сили, клучно било нивното делување за спасот на пратениците. Истакна дека тоа било очи широко затворени, пред сите докази кои што оделе во полза на Митко Пешов, но за судот и тоа како биле важни овие докази и треба да се земат во предвид. Тие полициски сили кои што биле упатени од Митко Пешов ги спасиле пратениците и не само животот на пратениците, таму биле нападнати и новинари и сниматели и сите оние кои што биле затекнати во Прес салата. Засилување од специјалните полициски сили постојано пристигнувало во Собранието, тие делувале за да ја потиснат масата надвор од Собранието во време кога веќе пратениците биле на сигурно од страна на засилувањето од Пешов. Шок бомби, стравични сцени за расчистување на агресивната маса биле составен дел од сите видео снимки кои биле презентирани од Обвинителството. Дека полициските службеници немале лесна задача на 27-ми говореле и нивните раскрвавени глави, постојано се гледаат повредени полициски службеници, екипите на Брза помош што постојано трчале во нечија помош. И за разлика од обвинителството кое што сочувствувало само со траумата на неколку сведоци, пратеници, наведе дека ќе каже дека таа и како адвокат и како граѓанин сочувствува со сите што биле повредени тој ден во Собранието, и со новинарите и со снимателите и со секој еден граѓанин кој што не бил повреден, ама чувствувал страв гледајќи ги тие снимки, сочувствувала и со сите повредени полициски службеници кои што постапувале на терен затоа што не биле повредени само П. Б., Ш. и Р., биле повредени и полициски службеници и нивните семејства исто така ги гледале тие снимки на телевизијата, стравични биле сцените, ама тие докази со ниту еден збор не биле спомнати од Обвинитеслтвото. Од материјалните докази најнапред се осврна на предлогот за воспоставување оперативната акција „Платформа“ од 02.03.2017 година. Во тој план ќе се видат членовите на оперативниот штаб. Истакна дека сака да обрне внимание на тоа дека тој план бил потпишан од сведокот на Јавното обвинителство Г.Ѓ. и тоа токму како началник на ЦПС. Наведениот план бил дополнет со Анекс од 08.03.2017 година, со кој се извршило дополнување на членовите на Оперативниот штаб, се давале и имиња на

оперативниот тим каде што се сретнува името на Митко Пешов и може да се види командниот протокол, како и тоа дека името на Митко Пешов не се наоѓало меѓу носителите на командна одговорност што на крај на постапката бил и неспорен факт за самото Јавно обвинителство кое што тврдело дека Митко Пешов бил носител на сребрена команда. Многу пати во оваа постапка било коментирано, образложено Упатството за златна, сребрена и бронзена команда, кое дава јасен преглед за командниот протокол и надлежноста на сите носители кои што биле во командна одговорност. Во член 13 е предвидено дека одлуки поврзани со ОСПО силите носат златниот и сребрен командир и наведе дека мора да ги спомене по име и покрај тоа што мисли дека веќе на јавноста и било јасно кое лице каква командна одговорност имало за 27.04., златен командир Митко Чавков, сребрен командир И. В. СВР С. и сребрен командир Г. Ѓ. началник на ЦПС, бронзен командир кој што требал да ги спроведува одлуките на златен и сребрен командир З. С. и Г. З. Наведе дека нема да цитира членови туку само ќе ги реферира, член 17, член 20, член 23 од Упатството, па ќе стане јасно дека Митко Пешов немал овластување без да добие наредба од златен или сребрен командир сам да изврши целосна мобилизација на ОСПО силите, ако тоа го направел најмногу што можел да се соочи било со дисциплински прекршок или пак кривична одговорност. Немал наредба, првата наредба за целосна мобилизација 20:08 часот, дотогаш не смеел да издава наредба на своја рака. Следен материјален доказ за кој што говорел Застапникот на обвинението во завршен збор, а го поврзал со Митко Пешов бил Планот за ангажирање на единиците од ОСПО за обезбедување на објектот на Собрание на РМ од 10.03.2017 година. Планот говорел за линија на командување. Како одговорен по чија што наредба постапувале специјалните полициски сили бил раководителот на оперативниот штаб од СВР С., сведокот на ОЈО И. В.. Истиот не само што не издал наредба за целосна мобилизација на ОСПО туку воопшто и не контактирал телефонски со началникот на ОСПО на 27.04., што можело да се види од листингот на телефонскиот број, немало ни порака. Исто така во овој план терминот пасивна употреба на сила не постоел во плановите за дејствување на ОСПО силите. Се споменал и Планот за превземање на оперативно-тактички мерки, кој се однесувал на Единицата ЕБР од 25.04.2017 година и пак се потенцирало дека Митко Пешов бил должен да им издава команда на лицата кои што биле под него во командниот протокол и тоа било така. Истакна дека се согласува со Обвинителство, но Обвинителство изгледа пропуштило да ја види хиерархијата на еден јасен приказ на хиерархиска поставеност на овој дел што го цитира и тој кажувал како одела хиерархиската поставеност при начинот на издавање наредби кон единицата ЕБР, а тоа одело на следниот начин: Министерот за внатрешни работи А. Н. највисок, под него Директорот на БЈБ Митко Чавков, под него началник на ЦПС Г. Ѓ. З., под него помошник началник на ЦПС С. М. со прекар Х. и најдоле Митко Пешов и откако Митко Пешов ќе добиел наредба од некој кој што бил хиерархиски над него тогаш можел таа наредба да ја спушти

кон командирот на ЕБР М. П.. Да не постоело барање за издавање на наредба хиерархиски по ранг повисоко лице тогаш и командантот на ЕБР М. П., сведокот во оваа постапка сам би можел да си ја повика ЕБР Единицата, тогаш не му требала наредба од Митко Пешов за да си ја повика ЕБР, но не било така. Имало точна структура и хиерархија како се постапувало во МВР. Во рамки на постапката многу пати било споменувано колку вода од ОСПО единиците биле предвидени за обезбедување на протестот, 2 вода, тоа не било тајна, но 2 вода биле побарани од СВР С., значи биле побарани вкупно 52 припадника од ЕБР да го обезбедуваат Собранието на 27.04, што било видно од доказот Барање за ангажирање на ОСПО единицата од 26.04.2017 година. Наведе дека во доказниот материјал нема да се сретне зошто немало посебно барање од СВР С. кон началникот на ОСПО да има дополнителни резервни сили како што се викале сили во приправност во касарната во Ѓ. П., такво барање нема да се сретне во доказите и не знае дали за тоа треба да одговара Митко Пешов.  Сведокот А. Н. ретерирал и на Записникот за активности на Оперативниот штаб Платформа за ден 27.04.2017 година, а имено тој кажал да се погледнат и најдат одговорите таму, па рекол: во  19:25 кога пристигнува тогашниот Министер А.Н. во штабот нема издадена наредба поврзана со ОСПО силите се до 20:08 часот, 20:08 часот за прв пат ќе  се види во овој записник дека постои дел во кој што се споменуваат ОСПО силите. Понатаму било констатирано дека во 20:27 часот припадниците на специјалните полициски сили, а тоа не се специјалците кои се повикувале од дома, туку тимовите на ПЕП и ЕЗС затоа што биле повикани од Митко Пешов, вршеле евакуација на пратениците и до 20:43 часот биле евакуирани 30 пратеници. Истото било разјаснето во Записникот за активности на штабот на СВР С. за 27.04.2017 година. Ни во тој материјален доказ немало наредба, ниту било нотирано посебно барање кое што било доставено до началникот на ОСПО Митко Пешов за да активира дополнителни полициски сили. За прв пат името на Пешов се сретнувало во делот каде што било наведено дека контактирал со К. Б. што било неспорен факт и тоа само еднаш во 18:25 часот, а било наведено следново: „контакт на помошниот ОШ контактираше со началникот на ОСПО за зголемување на тензичноста и можноста на дополнително ангажирање на сили од ОСПО пред објектот на Собрание на РМ“. Разговарале за можност дали имало дополнителни сили, не им била издадена наредба да ги активираат дополнителните сили и Пешов им одговорил дека немало дополнителни сили затоа што не побарале сили во приправност. Обвинетиот Пешов постојано бил на телефонска линија со неговите потчинети по ранг, М. П., В. Н., С. П., Б. Т., за цело време на 27.04.2017 година, а комуницирал и со неговите претпоставени по хиерархиска линија и тоа С. М., Г. Ѓ. и една комуникација со К. Б. и не биле евидентирани комуникации со началникот на СВР С., И. В.. Обвинетиот комуницирал и со тогашниот Министер за внатрешни работи А. Н. во повеќе наврати, лоцирано точно со време и минутажа на разговорот. Од базните станици на кои што бил лоциран Митко Пешов ќе

се види дека тој не се наоѓал во С., после работното време исто како и тогашниот Министер за внатрешни работи се упатил во својот дом во К. каде што го чекале неговата сопруга и неговите две деца. Листингот покажувал дека од 18:30 часот па се до доцните часови обвинетиот Пешов остварил повеќе од 100 телефонски комуникации и бил во постојана телефонска комуникација со сите надлежни лица. Од К. во С. пристигнал за 1 час знаејќи колку била алармантна ситуацијата. Смета дека не може да се занемари неговото богато професионално искуство во МВР и нема ниту една дамка во својата 23 годишна кариера. Тој постојано бил во комуникација со надлежните во врска со случувањата на 27-ми април, издавал наредби согласно своите овластувања кон лицата кои биле по ранг потчинети, В. Н., па откако бил информиран дека постоеле тензии во Собранието уште во 18:45 часот веднаш комуницирал со Б. Т. и дал максимален напор да обезбеди сили кои што не биле ниту планирани, ниту побарани за обезбедување на Собранието, во координација со неговиот претпоставен С.М. и во координација со командантот на ПЕП, командантот на ЕСЗ и Командантот на ЕБР упатил засилување во Собранието, бројката на засилувањето ја кажала, наредба за повикување на целокупниот состав, мобилизација на ОСПО силите од тогашниот Министер за внатрешни работи А. Н.  не добил, ама не добил наредба ниту од носителите на сребрена команда, првата наредба за ангажирање на целокупниот состав на ОСПО силите ја добил кратко после 20:00 часот од Златниот командир и истата ја проследил до командантите на ПЕП, ЕСЗ и ЕБР, бил на терен и помагал при евакуација на пратениците. Нагласи дека од сите докази произлегува дека Митко Пешов не го сторил кривичнто дело Терористичко загрозување на уставниот поредок по член 313 од КЗ, напротив не сторил ниту еден прекршок на ваков или пак таков начин. Наведе дека во рамки на постапката успеале да докажат дека Митко Пешов бил надвор од команден протокол. На 27.04.2017 година немал наредба пред 20:08 часот да го активира целокупниот состав на ОСПО единицата. Обвинетиот Митко Пешов имал најголема заслуга што денес пратениците, новинарите, снимателите се живи. Обвинетиот Митко Пешов упатил 2 тима на ПЕП од 26 припадника, 15 припадници на ЕСЗ и околу 10-12 дополнителни припадника на ЕБР, кои што вршеле дислокација и спасување на пратениците. Целосна мобилизација на ОСПО единицата била побарана после 20:08 часот и дополнителни сили од оние кои што биле мобилизирани од дома пристигнале околу 21:20 часот и нивната задача била да ја потиснат толпата од Собранието и да ги евакуираат пратениците надвор од просториите каде што биле веќе обезбедени. Истакна дека нема да ја заборави реченицата на Застапникот на обвинението која што ја кажал во својот завршен говор, кога рекол дека чувствува срам и горчина и како граѓанин и како обвинител од она што се случило на 27.04.2017 година и наведе дека истиот срам го почувствувала и таа, а исто така чувствува и горчина затоа што Обвинителството наместо да служи на правото и политиката, одлучило во овој предмет да послужи на политичките партии. Истото Обвинителство кажало дека процесот на

амнестија не треба да влијае на судот, што смета дека е лицемерно тоа да го каже Застапникот на обвинението по чиј што амин биле амнестирани голем број на обвинети. Исто така наведе дека чуствувала и срам како граѓанин што главните виновници за она што се случило на 27.04. не се во судницата. Наведе дека меѓу ликовите во судницата не може да се видат организаторите, кои и по речиси 2 години од немилиот настан никој не ги гони. Чувствувала срам и како бранител што била присутна во судницата и што морала да даде завршен збор за обвинетиот Митко Пешов. Кажа каква заслуга имал Митко Пешов за 27.04. и на крај наведе дека со овој процес сите биле ставени на тест и наведе дека ќе си земе за слобода да каже дека со овој процес сите се коцкале со правдата во Република М. и тоа со многу големи влогови. Коцката била фрлена кај судот и од судот зависело како ќе ја сврти коцката. Или ќе ја врати вербата во правосудниот систем и дека правда постои, а таа верба со право била изгубена од мноштво граѓани или целосно ќе им ја одземе вербата на граѓаните во правосудниот систем и дека правда во Република М. била достижна. Од судот очекува и искрено верува дека ќе биде праведен до крај и дека ќе донесе ослободителна пресуда за Митко Пешов затоа што Обвинителството не докажало со ниту еден аргумент дека постои вина кај Митко Пешов за кривично дело кое што му го става на товар. Оваа драматична и помпезна постапка која што била водена од Обвинителството била иста како и насловот на новелата со која што го почнала завршниот збор, со новела за сонот, сон на Јавното обвинителство бил дека докажал надвор од разумно сомнение дека било сторено кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок од страна на обвинетиот Митко Пешов.

Бранителот на обвинетиот Митко Пешов, адвокат Панче Тошковски во завршен збор наведе дека ќе се осврне само на правната квалификација која што цени накратко од гледиште на одбраната да ја образложи при што наведе дека мора да се заблагодари на овластениот тужител затоа што со прецизираниот обвинителен акт и воедно со сите докази изведени во оваа постапка во целост го потврдил воведниот говор на одбраната, а не на Обвинителството. Особено бил благодарен затоа што фактот дека Митко Пешов не бил во команден протокол, не бил носител на сребрена команда, не бил носител на бронзена команда бил неспорен дури и за Обвинителството, тоа бил еден од трите факти кои што во воведниот говор биле клучни за одбраната. Вториот факт кој што исто така бил клучен за одбраната, а кој бил изложен и во воведниот говор било дека Митко Пешов за време на отварање ширум на портите од Собранието не бил во С., туку бил во К., не заради тоа што прикрил, избегнал, имал задни намери итн, туку заради тоа што живее во К. и после завршување на неговото работно време си отишол дома во К. и тој факт според него е неспорен со сите докази кои што се извеле во  постапката. Третиот факт кој што сеуште бил спорен, но се надева дека нема да биде спорен по

носење на пресудата бил дека со сите оние дејствија кои што биле наведени во рамки на прецизираното обвинение Митко Пешов, Началник на ОСПО со несторување сторил кривично дело дефинирано во чл.313 од КЗ, Терористичко загрозување на уставен поредок на РМ. Наведе дека ќе се осврне само во тој дел и според него како правник и покрај чл.29 од КЗ, во ст.1 било дефинирано дека секое кривично дело може да биде сторено со сторување и несторување и во ст.2 точно се дефинира како кривично дело кое што не било опфатено со битие на конкретно кривично дело со несторување истото можело да се цени дека како кривично дело е настанато со пропуштање, омисивен деликт како што го дефинирале правните теоретичари. Цени дека ова кривично дело не може да биде сторено со несторување, можеби би можело нешто друго, но не и чл. 313 со несторување, но тоа смета дека е правна фикција. Наведе дека ќе проба да го дефинира најрестриктивното гледиште кое што можело од било кој правник да го опфати чл.313 од аспект на несторување, односно како што сакале да кажат теоретичарите, омисивен деликт и тоа поточно кажано гарантен омисивен деликт. По најрестриктивното гледање на работите дури и ова кривично дело можело да се стори со пропуштање, тој не мисли така, но го елаборира таквото гледиште. Наведе дека мора кумулативно да бидат исполнети три елементи за да има гарантен омисивен деликт, прво морало да има неспречување на казнено-правна релевантна последица. Не му било јасно како кај Митко Пешов од сите изведени докази имало неспречување на правно релевантна последица. Втор кумулативен елемент, правна должност на сторителот за нејзино спречување, кој бил најбитен, затоа го правело гарантен. Смета дека не е јасно кој член, кој закон и кој подзаконски акт Митко Пешов го прекршил и постапил спротивно на истиот. Според него ниту еден законски, ниту подзаконски пропис дефиниран согласно сите правила и акти од оваа област не бил прекршен од Митко Пешов и третиот кумулативен елемент бил еднакво значење на неспречување на последицата која настанала со нејзиното предизвикување со сторување. Наведе дека на сите им било јасно дека Обвинителството не успеало Митко Пешов да го префрли од другата страна на брегот, односно Обвинителството со ништо не докажало надвор од разумно сомнение дека истиот сторил со несторување, односно со пропуштање кривично дело за кое што минималната запретена затворска казна е 10 години. За вакво кривично дело кое што Обвинителството со најрестриктивно гледање на работите имало посебна одговорност и посебна должност да јасно, концизно, недвосмислено за никого, докаже дека Пешов постапил спротивно на законска норма, дека Пешов постапил спротивно на подзаконски акти, особено имало одговорност Обвинтелството затоа што станува збор за кривично дело кое што согласно Обвинителството од Митко Пешов било сторено со несторување. Смета дека Обвинителството никого не убедило во својата теорија на случај. Наведе дека е убеден и верува дека судот имајќи ги предвид сите докази кои што биле изведени во постапката нема да воведе селективна правда како основно начело за постапување во

Република М. како што тоа било сторено со Законот за амнестија, убеден е дека судот ќе ја врати вербата во правото и правдата. Истакна дека еден од темелите, еден од столбовите на кои што се потпира правдата е право еднакво за сите и смета дека само со ослободителна пресуда во оваа постапка правдата ќе биде задоволена.

Бранителот на обвинетиот Душко Лазаров, адвокат Звонко Давидовиќ во завршен збор наведе дека обврска и должност во текот на оваа постапка била да се утврди вистината за случувањата во Собранието на 27.04.2017 година, но таа вистина да биде базирана и произлегува од материјалните и вербалните докази кои што биле во предметот. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција располагајќи со доказите кои ги прибрало во текот на истражната постапка подигнало обвининие за 33 лица за сторено кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста и ги приложило доказите за кои тврди дека го поткрепувале обвинението и ја докажувале вината на овие 33 лица за сторено кривично дело од чл.313 од КЗ. Наведе дека Обвинителството тврди дека со намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на РМ предизвикале акт на насилство во Собрание како највисок претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт, дека ги загрозиле животите на пратениците, новинарите, овластените службени лица и на вработените во Собрание со што создале чувство на несигурност и страв кај граѓаните со извршување на повеќе поврзани дејствија за мобилизирање на членството на патриотските здруженија, инструирање на групата со маски и фантомки за насилно влегување и вршење на насилство во Собранието, држење потпалувачки говори, отстранување на безбедносни и заштитни механизми од главната влезна врата во Собранието, насочување кон просториите со истовремено координирано неактивирање на полициските сили. Се тврдело во обвинителниот акт дека оние кои влегле во Собранието знаеле дека истото не било соодветно обезбедено и заштитено бидејќи Митко Чавков, Златниот командир, Пешов, сребрена команда и Лазаров, дежурен во Оперативниот штаб со неиздавање на наредби за распоредување на дополнителни полициски сили за надворешно и внатрешно обезбедување овозможиле непречено да се влезе во Собранието и да се оствари целта на насилниот упад, а подоцна постапиле и спротивно на чл.20 од Упатството за златна, сребрена и бронзена команда, односно не издале наредба за ангажирање на специјални полициски сили по наредбата на Н. и не извршиле евакуација на пратениците. Се видело што и навистина било утврдено, што навистина неспорно произлегло од доказите во текот на постапката. Неспорно било дека голема група на луѓе влегла во Собранието. Неспорно било дека влегувањето во Собранието не било насилно, туку вратите на толпата им биле отворени од страна на сега отсутните амнестирани пратеници кои ги симнале безбедносните полуги од истите. Неспорно било дека во толпата луѓе имало лица со фантомки и качулки кои ја предводеле толпата и истата ја насочувале. Неспорно било дека

истите тие лица кои носеле фантомки и биле по задача во Собранието, биле ангажирани од УБК и раководната структура на УБК, В. А., Г. Г., Н. Б. и Н. В.. Неспорно се утврдило дека групата граѓани се обидела насилно да влезе во Собранието, но кордонот на полициски службеници и затворени врати ги спречиле во тоа и во влегувањето во просториите на Собранието да истото било извршено во мигот кога полициските службеници биле распоредени пред влезот „Винар“ кој гледа кон домот на АРМ и во мигот кога пратениците ги отвориле вратите и ги симнале безбедносните полуги блокаторите. Се виде како дел од полициските службеници кои имале задача да го обезбедуваат Собранието се гушкале со толпата кога влегуваат внатре и пееле со истите. Се видел и изборот на Претседателот на Собранието, прес конференцијата по изборот и грубо и хулиганско насилство над дел од пратениците и вработените. Се виде обид дел од повредените да се изнесат од Собранието и насилство на толпата надвор што ја оневозможувала евакуацијата. Се виде реакција на полицијата и шок бомби, евакуација и крај на насилството непоимливо за 21 век. Потоа се виде присуство на странски државјани во Собранието, најдени радио станици кои не и припаѓале на МВР во просториите на Собранието. Се виде амнестија за 16 лица во овој предмет како политичка одлука и казнети неколку обвинители со дисциплинска мерка токму во врска со овие настани во Собранието. Смета дека не се виде намера и умисла за напад на уставниот поредок, ниту пак напад на уставниот поредок, не се виделе многу нешта што го чинеле битието на кривичното дело. Наведе дека Обвинителството тврди дека обвинетите со намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на РМ, да оневозможат и спречат избор на Претседател на Собрание на РМ извршиле повеќе поврзани и усогласени дејствија секој во својот однапред планиран дел, а неговиот клиент Душко Лазаров со неиздавање наредби за распоредување на дополнителни полициски сили за надворешно и внатрешно обезбедување за да им обезбеди непречен влез на насилниците и не ги извршил наредбите на тогашниот Министер за внатрешни работи постапил спротивно на член 20 од Упатството за златна, сребрена и бронзена команда со неангажирање на посебни и специјални полициски сили и не издал наредба за евакуација на пратеници надвор од зградата на Собранието овозможувајќи им на другите непречено да вршат насилство. Смета дека Обвинителството со ниту еден доказ не го поткрепило тврдењето дека Душко Лазаров на било кој начин имал намера и умисла да го загрози уставниот поредок и безбедноста на РМ и дека своите постапки ги ускладувал и превземал во содејство и договор со било кој од обвинетите или било кое друго лице. Обвинителството не докажало дека Душко Лазаров не превзел дејствие кое морал и имал обврска да го превземе и дека тоа го сторил за да ги овозможи настаните во Собранието на РМ на 27 април 2017 година. Обвинителството не докажало дека Душко Лазаров на било кој начин бил поврзан со било кој од обвинетите и го планирал или организирал настанот од 27.04.2017 година и дека истиот заедно со било кој друг ги

координирал своите дејствија. Обвинителството не докажало ни дека уставниот поредок бил загрозен и безбедноста на Република М., единствено што докажало било дека била загрозена безбедноста на дел од пратениците, што било точно и дел од вработените и новинарите. Според него приказната дека насилниот упад во Собранието бил со цел да се спречи изборот на Претседателот на Собранието едноставно не држела и била измислица затоа што Претседателот на Собранието Т. Џ. бил веќе избран, ја положил заклетвата и дал изјава за јавноста. Истакна дека основните обележја и елементи на законското битие на кривичното дело од чл. 313 не биле исполнети и истото не можело да опстои. Безбедноста на Република М. во тој миг не била загрозена, а тоа го докажувал ноторниот факт дека немало вонредна состојба на ниту еден дел на територијата на РМ што било основен предуслов за загрозување на безбедноста на една држава. Истакна дека дежурен во оперативен штаб не постоел. Во ниту еден документ ако се погледне не стоел поимот дежурен во оперативен штаб и тоа бил едноставно поим кој Обвинителството го измислило за свои потреби. Во оперативниот штаб постоеле членови и тоа можело да се види како од плановите за акцијата „Платформа“ така и од одлуките за формирање на оперативниот штаб кој бил надлежен да ја следи состојбата на целата територија на Република М. преку оперативните штабови од СВР кои биле надлежни секој за својата територија. Оперативниот штаб на МВР немал свои единици туку живата сила, полициските службеници биле во СВР. Наведе дека системот на командување во МВР бил на принципот на хиерархија и субординација и златната команда била една и единствена, а тоа го пишувало во сите документи. Објасни дека наредба за подигање на специјални сили или посебни специјални сили можеле да издадат само Началникот на ЦПС во тој миг Г.Ѓ., Министерот и Директорот на БЈБ по барање на сребрениот командир. Душко Лазаров не бил на ниту една од тие четири позиции туку бил член на оперативниот штаб и имал советодавна улога од областа на полициските работи од општа надлежност и не бил во ланецот на командување, ниту имал право да издаде команда, ниту таква команда некој ќе послушал. Тоа не само што го потврдува Упатството за златна, сребрена и бронзена команда туку го потврдиле и сите сведоци на Обвинителството кои биле или се вработени во МВР, а особено сведоците Ѓ. С. и Т. А.. Д. Л. можел единствено да пренесе информација на оној кој командувал и имал овластувања да издаде команда, а што тој ќе решел каква команда ќе издадел било негова обврска и одговорност. Наведе дека во тој миг, а лесно ќе се утврдел тој факт од Анекс план Д. Бр. 28-156/1 од 25.04.2017 година, бронзениот командир имал на располагање 194 полициски службеници, од тоа 52 биле од специјалци од Единицата ЕБР, па според бранителот не било јасно зошто не ги употребил бронзениот командир сите тие луѓе, но повеќе од јасно било дека Д. Л. за тоа не може да понесе никаква одговорност. Во мигот кога бронзениот командир С. ги прераспоредил своите сили накај АРМ, амнестираните пратеници ги симнале блокаторите толпата влегла

во Собранието. Наведе дека Л. со тоа немал никаква врска и за тоа немал никаква одговорност, особено што истиот немал командна улога нити бил во ланецот на командување. Истакна дека два вода специјалци за 15 минути празнат сала од 7.000 луѓе, па го поставува прашањето како тогаш 194 полицајци меѓу кои имало 52 специјалци, тоа биле силите со кои располагал бронзениот командир С., не се справиле со помалку од 3.000 луѓе. Смета дека прво затоа што бронзениот командир С. не носел разумни одлуки или не скал да ги донесе, па ги поделил своите сили недавајќи им јасни наредби и второ, дел од полицајците се гушкале со насилниците и толпата и пееле со нив, ги имало на снимките и не ги превзеле дејствијата кои требало и морало да ги превземат. За начинот на кој дејствувале одговорните од СВР С. многу кажувала телеграмата со која го повлекле барањето за дополнителни сили за ден 27.04.2017 година. Кој бил кој во ланецот на командување, во предметот го има Анекс планот за мерки и активности И.бр.22.2-83 од 08.03.2017 година, во кој стоело дека златна команда е Митко Чавков, заменик златна команда човек за кој не се ни слушнало, Б. Д., заменик златна команда С. Г., сребрена команда, началник на ЦПС Г. Ѓ., помошник директор С. С., М. Н. и А. Т. и И. В., СВР С.. Обвинителството му ставало на товар дека Л. истиот ден не ги превземал дејствијата кои бил должен да ги превземе, односно истиот не издал наредба за подигање на специјални и посебни полициски сили, за кое било доволно да се прочита членот 20 од Упатството за златна, сребрена и бронзена команда, па ќе станело јасно кој таква наредба и кому можел да издаде. Во тој миг златната команда ја имал директорот на БЈБ Митко Чавков кој од страна на Л. бил известен за состојбите и на кого му било кажано дека златниот командир бил запознат со состојбата. Наведе дека кога претпоставениот има право и должност да издаде команда и ќе каже дека бил запознат со состојбите и како потчинет може само да молчи, ништо друго не може да направи освен да чека наредба. Обвинетиот Душко Лазаров ја вршел својата работа во согласност со прописите и законот, па како член на оперативниот штаб кој има советодавна улога ги известил сите релевантни лица за состојбата, а за што подробно самиот Лазаров ќе го објаснел тоа во неговиот завршен збор. Истакна дека обвинувањето дека Душко Лазаров не наредил евакуација, а за тоа Обвинителството како доказ го користел исказот на сведокот С.Т. било апсурдно од неколку причини. Душко Лазаров немал право да издаде наредба за евакуација, истиот не бил во ланецот на командување и немал никакви овластувања за издавање на команди, а особено не за евакуација и подигање на специјални и посебни полициски сили. Наведе дека ќе се задржи на исказот на сведокот С. Т. кој бил член на оперативниот тим. Тој сведок прво не знаел што била неговата улога во оперативниот тим, не знаел кој бил златен командир и неговите овластувања, ниту сребрен командир, ниту бронзен. Наведе дека не може да се верува дека овој сведок имал способности и знаење да побара евакуација и да изврши проценка да се изврши евакуација. Крунски доказ на Обвинителството против Лазаров бил исказот токму на овој сведок во

врска со евакуацијата. Наведе дека Обвинителството заборава покрај веќе наведените факти во колку часот Т. барал евакуација, а тоа бил мигот додека траела конститутивната седница за избор на Претседателот на Собранието Т. Џ.. Доколку Лазаров постапел по барањето на Т. за што немал никакви овластувања, седницата за избор на Претседател ќе била прекината со полициска акција. Обвинителството наведе дека по барање за евакуација на Т., Лазаров само одмавнал со рака, тоа биле доказите и тежината на доказите на Обвинителството, одмавнал со рака, излегол да се чуе на телефон, ако тоа докажувало тероризам, тоа докажувало дека Лазаров го сторил делото кое му се става на товар. Посебна приказна било тврдењето дека Лазаров не постапил по барањето на Н. за ангажирање на специјални единици и наредба за евакуација. Н. кој покрај тоа што бил Министер за внатрешни работи во судницата пред сите се претставил како политичка личност која немала овластувања да издава наредби. Истиот кажал дека не издал наредба туку барал евакуација, а Лазаров не постапил. Н. не знаел кој кому издава наредби и кој бил надлежен да издаде наредба за евакуација, а големо прашање било зошто тој сам не издал наредба како Министер, зошто не издал преку своите заменици таква наредба кој ги имал неколку, а не можел да го најде Чавков, а Лазаров не го слушал, затоа што бил свесен дека немал познавања од таа област, дека било тоа сериозна и комплексна операција која зависела од правилна проценка, а тој таква проценка не можел да направи затоа што имал одвај едногодишен стаж во МВР. Таква проценка во живот никогаш не направил, а Лазаров овластување да издаде таква наредба немал туку истата согласно своите овластувања и должности ја пренел на Чавков за што имало и доказ во списите на предметот во листинзите. Нагласи дека време за евакуација пред она во кое и била извршена не било можно истата да се изврши и истата би имала катастрофални последици. Евакуација била направена во мигот кога била извршена проценка дека било тоа можно и најбезбедно и наредбата за истата ја издал оној кој и единствено имал право да ја издаде, златниот командир, а не Душко Лазаров. Истакна дека Н. девет пати се слушнал со В., неколку пати со Пешов и други полицајци, но ниту еднаш со Лазаров, а истото било затоа што Лазаров немал улога во командниот ланец и не располагал со полициски сили. Во записникот од 21.09.2018 година, впрочем Н. сам кажувал дека златната команда била една и единствена и немал никакви пренесувања на овластувањето за командување од златниот командир и сите промени во однос на оперативниот штаб, односно на златниот командир и другите командувања, требало да произлезат од насоките на директорот. Директорот такви насоки не дал. Сите тројца Чавков, Пешов и Лазаров имале исти дејствија на извршување и покрај тоа што немале иста позиција, ниту се наоѓале на исто место во командниот ланец. Наведе дека не може, а да не укаже и на уште еден неспорен факт, а тоа било дека Душко Лазаров и ден денес работел во МВР и покрај тоа, покрај Обвинението против него не била покрената никаква дисциплинска постапка за 27.04.2017 година и покрај тоа што била

формирана Комисија од МВР да го истражи настанот. Зарем можело да се мисли дека во случај на најмало сомневање против истиот не би била покрената најмалку дисциплинска постапка ако внатрешната комисија составена од професионалци кои ја познавале процедурата во МВР не констатирала вина и одговорност кај Лазаров за настаните од 27.04.2017 година. Истакна дека МВР потфрлило во акцијата и превземање на дејствијата, но дали обвинетите имале таква одговорност токму за овој настан и зошто истиот се случил и дали можел да биде одбегнат, при што наведе дека неговиот одговор бил делумно. На обвинителна клупа одговорните од златната команда, односно замениците, Министерот, сребрената команда, сите други од сребрената команда и од СВР С., полициските службеници кои се гушкале и не постапувале по наредбите, денес не биле во судницата. Присутните апсолутно не можеле да го спречат сето она што се случувало, па ако се прифателе тоа произлегувало дека во самиот настан постоела вмешаност на поединци од партијата која била тогаш на власт и која раководела со државата и која своето партиско седиште го употребила како место од кое ги координирала настаните, а плански настаните и стратегиски произлегувале од челниците на УБК, В. А., Г. Г. и Н.Б., многу тешко редовните полициски сили ќе излезеле со ова на крај. Не случајно Извештајот на Прибе го потенцирало УБК. Го постави прашањето дали истото произлегувало од сите докази во предметот и сите лица под качулки биле ангажирани од УБК, па дури и Н.В. кој ги храбрел и тоа по зборовите на Обвинителството бил припадник на УБК. Во својот исказ ги кажал Александар Василевски - Нинџа и го опишал Г. Г. кој седел до Прометеј во „Жена парк“ и му кажувал на Н. Б. „повлечи ги нашите луѓе со фантомки да не страдаат, некој друг ја превзема командата“ и поголем доказ од тоа немало. Тажно било сето она што се случило на 27.04.2017 година во 21 век во една европска земја, но тажно било и она што се случувало во судницата во истиот тој 21 век, каде што Обвинителството селективно, со премолчување на определени докази по своја или нечија желба, подигнало ваков обвинителен акт. Сагата за судството долго траела, тој не сакал да се коцка, но сакал да пишува и да ја бара вистината, па наведе дека се надева да овој суд ќе ја најде вистината и сагата за судството и ќе ја испише преку пресудата со еден поинаков многу посреќен крај за сите.

Бранителот на обвинетиот Горан Ѓошевски - Леви, адвокат Ружица Николовска во завршен збор наведе дека римската божица на правдата носи вага и превез врз очите за да може да биде непристрасна во одмерувањето на аргументите. Таа носи и меч во раката кој бил симбол на пресудувањето. Кажано со речникот на римското право, правдата подразбирала секому да му се додели она што му припаѓа. Наведе дека поминале многу денови, многу месеци во судница во потрага по вистината и тоа вистината за настаните на 27 април 2017 година. Овој ден ќе останел длабоко врежан во сеќавањата на сите. Како човек и како бранител навистина жали за настаните што се случиле на тој ден, а најмногу жали

за оние кои биле директни или индиректни жртви на случувањата од тој ден. Токму заради утврдување на вистината за 27-ми април отпочнал и овој судски процес кој ќе останел запаметен во историјата на правосудството на Република М., а за кој времето ќе покажело дали ќе се памети како добар или лош пример. Наведе дека правораздавањето мора да се применува на сите граѓани еднакво бидејќи сите се еднакви пред Уставот и пред законите на државата, но во текот на овој судски процес, а надвор од судницата се случило нешто со што за жал се потврдило дека сепак не се сите рамноправни, односно дека некои биле поеднакви од еднаквите. Она што се случило, а што довело до тоа да не може да се зборува и да се верува во право било донесувањето на Законот за амнестија со кој се амнестирале дел од обвинетите во овој судски процес што директно влијаело не само на концептот на ова обвинение туку и на суштината на истото. Истакна дека Обвинителството не докажало надвор од разумно сомневање дека обвинетиот Горан Ѓошевски сторил кривично дело Загрозување на уставниот поредок и безбедноста на РМ по член 313 од КЗ на РМ. Дејствието на извршување на ова кривично дело било превземање на општоопасно дејствие или акт на насилство, при што наведе дека општо опасното дејствие или акт на насилство треба да се од таква природа што треба да импутираат чувство на несигурност или страв кај граѓаните. Во субјективното битие на делото покрај умислата влегува и намерата за загрозување на уставниот поредок или безбедноста на Република М.. Прво и основно, Обвинителството не докажало постоење на намера кај обвинетиот за извршување на вакво кривично дело, а исто така со ниту еден материјален или вербален доказ не се докажало било каква поврзаност, организираност или усогласено дејствување со другите обвинети во оваа постапка. Имено, обвинетиот при давањето на одбраната пред овој суд потврдил дека дел од другите обвинети за прв пат ги запознал во текот на оваа судска постапка, а дел ги познавал како јавни личности. Овој факт неспорно се утврдил и од материјалните докази, како што биле вештачењата на мобилните телефони и листинзите на повици, од кои јасно се гледа дека обвинетиот никогаш немал комуникација со останататите обвинети. Постоењето на умисла подразбира дека сторителот бил свесен за своето дело и дека го сакал извршувањето на тоа дело. Од изведените докази не се докажало постоење на умисла и намера кај Горан Ѓошевски за извршување на вакво кривично дело, напротив она што сите виделе за него било дека критичниот ден бил на работа како и секој друг работен ден и кој заминал од своето работно место кое се наоѓало во Собранието на РМ, а заради укажување на помош и организирање на медицинска помош на својата болна мајка, за потоа во попладневните часови да биде повикан да се врати на работа. Оној кој смислил, организирал или имал намера да изврши вакво кривично дело не би го напуштил работното место, ниту институцијата Собрание што само зборувало за тоа дека овој обвинет ниту знаел, ниту бил свесен дека нешто ќе се случувало на тој ден во Собранието на РМ. Се осврна на исказот на сведокот В. М., кој во својот

исказ зборув за некакво си смислено сценарио за случувањата од 27-ми април 2017 година, за потоа при вкрстено испрашување на одбраната на прашање „дали и изборот на Т. Џ. за Претседател на Собранието е дел од тоа сценарио“, овој сведок веднаш заборавил во кое својство го дава исказот, па побрза да каже дека би дал одговор надвор од судница и политички. Наведе дека изјавите и претпоставките на сведоци кои сведочеле исклучиво од политички интереси дека не можеле да се сметаат за релевантни за докажување на организација за вакво кривично дело. Смета дека Обвинителството сакало да прикаже теорија на вмешаност на полициски структури при извршување на ова дело, па ако било така, било ова многу посериозно прашање, прашањето за тероризам од државни органи, тогаш се рушел и концептот на државноста. Истакна дека не само од изјавите на сведоците и тоа оние предложени од Обвинителството, но и од медиумите кои давале пренос во живо на седницата одржана на ден 27 април 2017 година, јасно произлегло дека тој ден бил избран Претседател на Собранието на РМ, а немилите случувања во Собранието се случувале по извршениот избор на Претседател. Од друга страна, за тој ден и воопшто немало предвидено на седницата на Собранието да се вршел избор на Претседател, што се потврдило од стенографските белешки од седницата изведени како доказ, но исто така тоа го потврдиле и сведоците Н. Т., потоа и сведокот В. М. кој на расправен записник од 07.09.2018 изјавил: „во тие моменти, значи мнозинството одлучи да избере Претседател на Собранието и го избравме Претседателот на Собранието, господинот Т.Џ.“, а воедно се осврна и на исказот на сведокот Д. М.. Истакна дека апсурдно било на овој човек да му се става на товар дека извршил кривично дело Загрозување на уставниот поредок на Република М., затоа што бил професионалец кој ја штител оваа држава, што и судот утврдил од изведените докази дека Горан Ѓошевски во текот на 2001 година учествувал во скопскиот и тетовскиот кризен регион во одбрана на територијалниот интегритет на Република М. за што и оваа држава му дала уверение за нејзин бранител. Истиот не бил ниту златна, ниту сребрена, ниту бронзена команда. Сведокот А.Н. кој во времето на случувањата во Собранието бил Министер за внатрешни работи рекол: „воспоставувањето на ОА Платформа се случеше заради добиените информации од повеќе организациски единици при МВР, за можностите за нарушување на јавниот ред и мир на јавните собири од граѓанската иницијатива „За Заедничка М.“ и целта на воспоставување на ОА беше организирано, синхронизирано и координирано превземање на мерки и активности за спречување на секој обид да се загрози безбедноста и сигурноста на граѓаните и институциите на системот за кои ќе биде потребна брза полициска акција и ангажирање на поголем број полициски службеници и организациски единици при МВР“, за потоа да истакне „но нормално дека суштинско е почитувањето на принципот на хиерархија“, па смета дека обвинетиот немал право и обврска да постапува на поинаков начин од она што постапил во услови кога немал никаква наредба ниту насоки за

постапување од својот непосреден старешина за критичниот ден. Истиот воопшто не бил запознаен со тоа дека постоела оперативна акција, оперативен штаб и оперативни тимови. Тој никогаш не учествувал на ниту еден состанок од овие тела, ниту било побарано од него да изготвува било какви планови, ниту имал овластувања да се меша во друг сектор или оддел. Од изведениот доказ Решение бр.24.777-084/1 од 19.10.2015 година се утврди дека Горан Ѓошевски бил вработен на работно место Началник на Одделение за лично обезбедување на Претседател на Собрание на РМ, кое не подразбирало униформиран полициски службеник ниту полициски службеник од општа надлежност кој во својата работа требал да превзема полициски овластувања при нарушување на јавен ред и мир или дејствија за откривање на кривични дела, следење на лица, приведување на лица и слично. Со Законот за полиција било утврдено кои дејствија се сметале за полициски работи при што како посебно дејствије било наведено обезбедување на определени личности и објекти. Ваквото класифицирање значи дека работата и работните задачи на обвинетиот се состоеле во обезбедување, заштита, сигурност и безбедност на личноста која ја обезбедувал, односно лично и непосредно физичко обезбедување што впрочем било предвидено и со посебен акт, односно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедувале, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување. Од друга страна, со Законот за полиција се утврдувала и класификацијата на работните места во МВР, како и со Законот за внатрешни работи, како и видовите на организационите единици во состав на Министерството. Обвинетиот бил Началник на Одделение, што како организациона единица била претпоследна по ранг во смисла на видовите на организиционите единици. Горан Ѓошевски немал ниту право ниту овластување да интервенира спрема ниту еден пратеник, а тоа било потврдено со Законот за Собрание, како и со Правилникот за внатрешниот ред во Собранието. И токму овде доаѓала до израз иронијата, односно тој кој што ги отворил вратите на Собранието на РМ на 27 април нема да одговара, а се барала кривична одговорност од Горан бидејќи не го спречил да ги отвори вратите. Сведокот К. Б. кој бил Помошник началник за општа безбедност, член на помошниот оперативен штаб воспоставен во СВР С., пред овој суд го изјавил следново: „Од почетокот на протестите и за време на изготвување на плановите изработување на безбедносните проценки, согласно тоа и делувањето на полицијата за време на настаните, во ниту еден случај не беше разгледувана можноста дека може да дојде до случај да масата влезе во Собранието. Од структурите задолжени за обезбедување на витални објекти вклучително и Собранието, бевме убедувани дека со жива сила нема шанси да дојде до насилно пробивање на вратите во Собранието доколку се истите соодветно обезбедени од внатрешна страна. Значи повторно потенцирам, во ниеден случај СВР С. не ја разгледуваше можноста да дел од масата влезе во Собранието на РМ“, па ако оние кои биле директно одговорни и надлежни за постапување при нарушување на јавниот ред и мир во објект

од витално значење како што било Собранието на РМ не разгледувале можност да дојде до насилен влез на масата внатре во Собранието, тогаш смета дека е нејасно како можело да се бара одговорност од еден Началник на Одделение за лично обезбедување на Претседателот на Собранието и што тој можел поинаку да превземе или постапи од оние кои имале овластување за одредено постапување, но не постапиле. Истакна дека Собранието како објект од витално значење се обезбедувал и заштитувал со таканаречено внатрешно обезбедување, кое согласно организационата структура во МВР претставувало посебно одделение, па во таа насока, а како потврда на поделбата на надлежностите и структурите, во својот исказ и обвинетиот Душко Лазаров изјави: „На оперативно ниво имаше две бронзени команди, едната е одговорност на надворешното обезбедување С. З., а другата е одговорниот на внатрешното обезбедување на Собранието, А. Ј.“. Наведе дека сведокот С. Т., Началник на Секторот за обезбедување на личности при Одделението за заштита на личности и објекти, непосреден претпоставен, односно старешина на обвинетиот Горан Ѓошевски, за цело време добивал известувања од двајцата началници, Д. К. и А. Ј., внатрешно обезбедување и за цело време додека ги добивал известувањата од двајцата началници тој бил присутен во оперативниот тим при Оперативниот штаб во ОА „Платформа“. Сведокот пред судот изјави: ,,во временски период околу 17:50 добивам известување од Началникот А. Ј. кој што во тој момент се наоѓа во внатрешниот дел на Собранието на РМ дека самата седница станува проблематична, известува дека самата ситуација станува тензична, и упатува барање кон мене за евакуација, во краток временски интервал повторно добивам известување од Ј. дека ситуацијата станува премногу тензична внатре во Пленарната сала“, па и покрај ваквите добиени известувања, овој професионалец во ниту еден момент не наоѓал за сходно да го контактира својот тим на кого бил директно претпоставен или да го контактира Началникот Горан Ѓошевски. Иако согласно хиерархијата Горан го повикал и известил преку телефонски разговор својот директен претпоставен С. Т. и тоа критичниот ден во 18:23 часот Горан телефонски го барал, кој разговор траел 50 секунди, а во кој го известил дека му биле потребни луѓе за засилување, по што С. Т. му дал одговор дека ќе се организираат и ќе постапат по тоа, за што воедно му укажал и да го побара началникот на сектор Оливер Поповски. Овие факти судот ги утврдил токму од доказите и тоа вештачењата на мобилните телефони и листинзите на повици. Овој сведок, како непосреден старешина на Горан во неговиот исказ прецизно ги објаснил работните задачи на Горан Ѓошевски како Началник кој изјави: „согласно описот на работните места, задача на Началникот Горан е да ја организира, координира, насочува, мерките и активностите на непосредното физичко обезбедување на Претседателот на Собранието, лично значи“.Воедно наведе дека Горан Ѓошевски пристигнал во Собранието во 18:19 часот и тоа по претходен повик од член на неговиот тим, сведокот М. М., но и по барање упатено преку СМС пораки од

претседавачот Т. В.. Веднаш по своето пристигнување, Горан го организирал неговиот тим за превземање на мерки за заштита и безбедно дислоцирање на возилото на Претседавачот, но и на самиот Претседавач, кој одбивал да замине од работното место. Тие факти ги потврдиле и сведоците М. М., Т. Д. и Т. В.. Она што било слушнато во судницата од Обвинителството било дека Горан бил во постојана комуникација со Митко Чавков, но материјалните докази, односно вештачењата на мобилните телефони и листинзите за упатени и примени повици од броевите на обвинетите не потврдувале дека постоела постојана комуникација помеѓу овие двајца обвинети. Имено, на ден 27.04.2017 година, Горан Ѓошевски за прв пат искомуницирал со Митко Чавков, но не заради договорање или затоа што така сакал Горан, туку заради тоа што од страна на Г. С. му било кажано да го бара Чавков. Во моментите на тензична атмосфера внатре во Собранието и тоа од страна на пратениците, а во периодот 18:19 часот, Горан го контактирал телефонски Г. С. токму заради ситуацијата, а тој го известил дека не бил на работа и за тоа да го побарал Чавков во која прилика и му го дал бројот од Чавков. Веднаш по тој разговор Горан го барал Чавков, но разговор не бил обавен, за потоа уште во неколку наврати се упатуваат и враќаат повици од едниот кон другиот, но разговори не биле обавени, а кое се потврдило од доказите каде се гледало дека кај тие разговори стоело „0“ секунди. Единствената комуникација која се случила помеѓу Горан и Чавков биле само неколку разговори во периодот од 18:27 до периодот 19:37 часот во вкупно времетраење од 76 секунди и тоа разложени во тие неколку разговори од по неколку секунди. Истакна дека од материјалните докази се утврдило дека помеѓу обвинетитот Горан и Чавков ниту еден друг ден пред 27-ми, ниту по 27-ми немало комуникација. Во времето додека Горан се наоѓал во Собранието, тој за цело време се наоѓал пред потегот на Кабинетот на тогашниот Претседавач на Собранието, а тоа бил ходник долг 40-тина метри, а тоа е надворешниот простор од работната канцеларија на обвинетиот Горан Ѓошевски. Сведокот С. У. С. која во тоа време била Раководител на Сектор на Кабинет на Претседателот на Собрание, зборувала за лоцираноста и големината на самиот Кабинет на Претседателот на Собранието. При таква поставеност на Кабинетот и со оглед на фактот дека истиот се состоел од повеќе простории, а притоа тука се наоѓала и работната просторија на обвинетиот Горан Ѓошевски, тој постојано бил пред Кабинетот, па постави прашање дали може да се смета дека Горан ја насочувал толпата во ситуација кога има ходник долг 40-тина метри кој водел до Пленарна сала М. и сала три Прес сала. Смета дека воопшто не е докажано со ниту еден материјален или вербален доказ за кои клучеви се работело, од кои врати биле тие клучеви кои што ги носел обвинетиот Абдуљфета Алими, за што служеле и дали биле употребени. Од исказите на сведоците М. И. Н. и С. К. како сведок на Обвинителството, се потврдило и докажало дека Горан Ѓошевски им помогнал и ги извлекол од просторијата наречена „Режија“ во која биле заклучени неколку часа. Токму од овие докази произлегувало дека

Обвинителството не докажало за Горан Ѓошевски дека тој превзел акти на насилство и дека со такви акти го загрозил животот на како што се велело во обвинението пратеници, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието, напротив се утврдило дека Горан токму на овие лица како вработени во Собранието им помогнал. Иако обвинетиот се обвинувал дека наводно ја отворил стаклената врата со службена картичка која во ист момент друг обвинет ја скршил со нога, не се докажало постоење на службена картичка на име на Горан Ѓошевски, па оттука не се докажало ниту дека таа била користена или употребена од страна на Горан, а сето ова не се утврдило ниту од материјалните докази, односно од снимките кои биле презентирани на главната расправа. Напротив, дури и од доказите на Обвинителството, односно во писменото известување од Собранието на РМ бр.28-2031/2 од 20.03.2018 година наведено било дека детални податоци за распоред и број на електронски-чип картички и нивното користење, Собранието немало. Таква картичка ниту била посочена по број, по формат, по боја, ниту пак била изведена како доказ на главната расправа. Во поглед на дадената наредба од страна на Горан Ѓошевски на сведокот А. К. за да ја отвори Мониторинг просторијата и да ги пушти лицата од УБК внатре во просторијата, смета дека оваа околност не можела да се смета за докажана само врз основа на исказот на овој сведок, а во отсуство на било каков друг доказ. А. К., виш оперативен работник која работела на работно место ,,Пријавница“ изјавила дека била сама на „Пријавница“ во моментот кога пристигнале лицата од УБК, но таа не била сама на работното место со оглед да сведокот М. Ј. била со А. К., па дури и се поздравила со обвинетиот Оливер Радулов. Освен тоа и од видео снимките изведени како докази се видело дека токму на делот „Пријавница“ за цело време имало присуство на повеќе лица од внатрешното обезбедување, посебно што за цело време го гледале како се движи , односно се шета по ходниците Д. К., Началникот на Одделението за обезбедување резиденцијални објекти, кој во тој момент го заменувал Началникот на сектор, што значи повисок по чин и од Горан и од А., а директно надлежен за внатрешното обезбедување откако А. Ј. бил повреден. Истакна дека А. К. самоиницијативно постапила, по своја сопствена проценка и лично убедување, знаејќи дека Началникот на Одделот Т. С. и Началникот на Сектор О. Т. биле на одмор, но знаејќи и дека Д. К. бил во Собранието, таа одлучила да го контактира Горан Ѓошевски, кој бил авторитет и само затоа што таа го сметала за авторитетен старешина, а без законско овластување и без воопшто да се обиде да стапи во контакт со Генералниот секретар на Собранието. Иако добро ги познавала прописите, правилата и процедурата за влегување во мониторинг собата, сепак таа дозволила да влезат одредени лица во мониторинг собата и тоа само врз основа на нејзина лична проценка и усно или телефонско одобрение од Горан Ѓошевски, за кого неколку пати А. К. повторувала дека тоа што тој одобрил да влезат луѓето не било кривично дело. Смета дека не било можно во 23 секунди да се обави резговор во кој некој ќе успее да

се претстави, да каже зошто го повикува некое лице, да објасни што бара од него и повратно да добие од повиканото лице одговори на побараното. Наведе дека во тој период Горан Ѓошевски бил повреден, бил во несвесна состојба за што интервенирила и екипата на Брза помош. Освен со материјалните докази, тој факт се потврдувал и од исказот на сведокот И.С.кој кажал дека на Горан му се слошило и паднал, а додека седел на некоја фотеља му зазвонил телефонот при што кажал: „ако сте колеги, легитимирајте се и појдете на Пријавница", за да потоа разговара со колешката која што била на „Пријавница", па слушнал дека рекол: „Ако се колеги, нека се легитимираат и постапи си како што си е правилото". Наведе дека како професионалци и како луѓе се соочувале со еден голем предизвик, а тоа било да се утврди дали некој од обвинетите извршил кривично дело против државата, дали извршил Терористичко загрозување на уставниот поредок на државата. Смета дека на советот му претстои многу тешка задача, задача на задоволување на правдата, но и на правната сигурност на сите граѓани на оваа држава, посебно во услови на сторена неправда заради амнестирањето на дел од оние кои биле обвинети во овој судски процес. Наведе дека не е лесно да се докаже сериозно обвинение како предметното надвор од разумно сомневање, особено со селективно презентирање на докази и со однапред претпоставена идеја на вина. Истакна дека стандардот надвор од разумно сомневање не се применува само на прашањето на вина, туку се однесува и на решителните факти кои се неопходни за докажување на вината. Обвинителството не го докажало надвор од разумно сомневање секое обележје на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок, ниту пак одговорноста за такво кривично дело за обвинетиот Горан Ѓошевски. Смета дека во оваа завршна фаза и од оваа временска дистанца можеби многу смело, но се прашува дали можеби обвинетиот Горан Ѓошевски е само нечија колатерална штета. Побара од судот да го одбие обвинението спрема обвинетиот Горан и истиот да биде ослободен од обвинение.

Бранителот на обвинетиот Оливер Поповски, адвокат Панче Нефтенов во завршен збор наведе дека овој настан ја окупирал македонската јавност цели 22 месеци и на најостар начин ја потенцирал поларизираноста на македонското општество, но исто така на многу јасен начин ја покажал и политизираноста на македонското општествено миље во секоја негова сфера од живеењето, но и влијанието и манипулациите на политичките елити врз животите на обичните граѓани. Лично смета дека токму овој настан со сета негова вулгарност, бруталност, бескрупулозност и сериозните последици кои ги предизвикал ќе допринесе до случување на своевидна катарза на македонското општество и постапно прочистување на наталожените наслаги од бољшевичкиот начин на владеење кој како политичка прагма го апплицира секоја наредна власт, но за жал негов личен став е дека не била искористена и таа шанса, па потсети дека овој настан бил крвав. Истакна дека овој настан бил предизвикан од политичките елити, независно од која политичка провиниенција доаѓаат без притоа да

навлегува која политичка елита каков дел од вината сноси. Наведе дека истото било многу важно, но доколку се согласиме дека политичките елити биле учесници во тој настан, а настанот е насилен природно, цивилизациски и демократски е да се очекува дека единствен начин на кој што треба да се расчисти овој настан во неговата целовитост е правната разврска, а единствено место е судницата, но за жал тоа не се случило, напротив имало најбрутално влијание на политиката во вид на донесување на закон, кој по негово убедување е противуставен, закон кој ги принудил сите обвинети да ја подголтнат својата чест и достоинство, исклучиво заради драконски запретената казна, но и закон кој овозможил оние кои биле синоним за овој кривично правен настан да бидат екскулпирани. Истакна дека и за тоа мотивите биле исклучиво политички, поточно обвинетите во судницата биле политички неконјуктурни и немале никаква употребна вредност во контекст на актуелните политички процеси кои се случувале во земјата. Според него при таквата констелација на односите нормално е да се очекува интервенција во обвинителниот акт, најнапред од технички аспект во смисла на описот на дејствијата на извршување, како и од аспект на правната квалификација и секако на крајот од аспект на принципот на правичност во контекст на целокупниот кривично правен исход. Наведе дека не очекувал било каква интервенција освен во описот на дејствијата кои се однесуваат на веќе амнестираните, тоа пред се заради конзистентноста на Застапникот на обвинението во јавниот дискурс, но секако и заради жестокоста на описот на дејствијата при презентацијата на видоматеријалите за обвинетите кои останале во овој процес, а секако и поради релативизирањето на дејствијата на амнестираните. Но, сепак кај него постои надеж дека судот, колку и да е тоа тешко па дури и невозможно да се оствари, сепак останал под стакленото ѕвоно на она што се нарекува струка и владеење на правото. Вели невозможно затоа што овие луѓе се веќе осудени без оглед дали тоа ќе се признае или не, осудени се од судот на поголемиот дел од јавноста, пред се како резулат на јавно презентираните докази во вид на видео материјали и секако како резултат од разни политички и медиумски кампањи без притоа да се има елементарна критичност при анализата на целокупниот кривично правен настан по однос на мотивите, организацијата, степенот на кривичната одговорност на секој од обвинетите поодделно и секако праведноста на санкцијата која мора да произлезе од степенот на кривичната одговорност, а не паушално заради постоење на комплот во кој тие што срамежливо се навестуваат како организатори не се опфатени со овој процес. Наведе дека Обвинителството во корегираниот обвинителен акт кој носел датум 27.03.2018, а доставен на 31.01.2019 година поаѓал од тезата дека обвинетите со цел да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на РМ, да оневозможат и спречат избор на Претседател на Собранието на РМ предизвикале акт на насилство, ги загрозиле животите на пратенците, новинарите, овластени службени лица и вработени во Собранието со што создале чувство на несигурност и страв кај граѓаните со извршување на

повеќе поврзани и усогласени дејствија за мобилизирање на членството на здруженијата „Тврдокорни“, „Черноземски“, „Ченто“, „Ќосето“ и други, инструирање на група со маски и фантомки за насилно влегување и вршење насилство во просториите на Собранието, држење потпалувачки говори, отстранување на безбедносните и заштитни механизми од главната влезна врата на Собранието, насочување кон просториите со истовремено координирано неактивирање на полициските сили. Од ваквиот опис на кривичното дело кое им се става на товар на сите обвинети произлегува дека терористичкото загрозување на уставниот поредок и безбедноста на Република М. било цел сама по себе без притоа да се наведе кој бил мотивот за предизвикување на терористичкото загрозување на уставниот поредок и безбедноста на Република М., што во крајна линија ја дефинирало умислата на секој од обвинетите поодделно како конститутивен елемент на кривичнито дело нормирано во член 313 од КЗ, поточно се поставувало прашањето која била целта на пратеници и овластени службени лица, кои исто така биле дел од власта да оневозможат и спречат избор на Претседател на Собранието на Република М.. Се поставувало прашањето дали причините биле од идеолошки, политички или од криминален карактер. Овие причини ја дефинирале намерата на сторителите. Идеолошкиот карактер на причините за терористичкото загрозување на уставниот поредок и безбедноста би имплицирал менување на државно уредување, политичкиот карактер би ипмлицирал евентуално промена на политичкиот систем на државата или промена на одредни персонални решенија, додека криминалните побуди имале за цел одржување на висок степен на корупција кај политичките елити или еветуално оневозможување на кривично-правен прогон на истите тие елити или одредна олигархија. Наведе дека од теоријата на случај што Обвинителството се обидело да го презентира преку подигањето на овој обвинителен акт што најчесто се одвивал во јавниот дискурс надвор од оваа судница, во излагањето на претставници од стручната и експертската јавност, а во оваа судница со распитот на загрозениот сведок С-1, клучната теза била за да се оневозможи кривичен прогон на одредени политички елити целта е со насилен упад во Собранието да се спречи мирен трансфер на власта, а подоцна да се прогласи вонредна состојба. Значи клучниот наратив во теоријата на случај на Обвинителството биле криминалните побуди на одредни политички елити со цел да се спасат од кривичен прогон, но парадоксалноста на оваа теза била дека тие елити сепак се спасиле и со неспроведен план. Оттаму прозаичната приказна за пеење на химна на странска држава која како тригер предизвикала револт кај насобраната толпа била само уште една манипулација на веќе споменатите политички елити. Во таа смисла, мотивот како клучен елемент кај учесниците во овој кривично-правен настан не бил идентичен кај секој од нив, напротив настаните кои се случиле на 27.04.2017 година само ја потврдувале тезата дека не сите учесници во овој кривично-правен настан имале исти мотиви, иста намера и цел и на крајот иста умисла, напротив повеќето од нив кои

сега се во судница, недвосмислено било дека се изманипулирани. Елементот на умисла како конститутивен дел на законското битие на кривичното дело нормирано во членот 313 од Кривичниот законик, кај поголемиот дел од обвинетите во оваа судница недостасувал и оттаму сосема основано се поставува прашањето дали оваа кривично правна квалификација кај овие лица можела да опстане. Според негово убедување, кое особено се однесува на неговиот клиент, правната квалификација била неприменлива, не затоа што неговиот клиент бил совршен во исполнувањето на своите службени дејствија во секоја конкретна ситуација, туку затоа што кај него отсуствувал субјективниот елемент на кривичното дело кое му се става на товар, поточно отсуствувала како интелектуалната така и волевата компонента за извршување на кривичното дело, кое значи дека кај него не постоела свест дека со фактот што како овластено службено лице влегло во Собранието на повик од колега по завршувањето на работното време и по консултација со непосредниот повисок старешина во врска со задачите кои треба да ги превземе дека го загрозува уставниот поредок и безбедноста на Република М., но исто така значи и дека обидувајќи се да ги заштити колегите и пратенците кои биле цел на напад на јасен начин покажал дека не сакал да се случи последицата. Се надева дека со анализата на доказите изведени во текот на постапката ќе се обиде да го убеди советот во вистинитоста на неговата теза. Обвинителниот акт, како што навел и во неговиот воведен збор бил со невообичаена структура, кое особено се однесува на диспозитивот од обвинителниот акт кој бил во наративна форма и не правел јасно разграничување на дејствијата на извршување ниту нивно прецизирање. Ова посебно се однесува на дејствијата кои му се ставаат на товар на обвинетиот Оливер Поповски. Имајќи го во предвид фактот да дејствијата на извршување кои се однесувале на овој обвинет биле исклучиво омисивни дела, Застапникот на обвинението не дал точен опис на кој начин обвинетиот не го превзел дејствието кое бил должен да го превземе, туку дефинирал што тој требал да стори притоа ненаведувајќи ја бланкетната норма која упатувала на таквата обврска, така на пример навел не само што не ги спречиле во отварањето на влезните врати или наведува дејствие кое само по себе не претставува кривично дело, на пример ги насочувале, без да наведе на кој начин и со кои дејствија, за да се дефинира неправото или навел дејствије без да ја дефинира последицата од таквото дејствије, на пример се упатиле. На обвинетиот Оливер Поповски, Застапникот на обвинението на товар му ставил четири дејствија како исполнување на законското битие на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста, така како прво дејствие било наведено дека Оливер Поповски, Началник за превентивно обезбедување во Оддел за заштита на определени лица и објекти и обвинетиот Абдуљфета Алими, виш оперативен работник-внатрешно обезбедување на главен влез на Собрание, постапиле спротивно на своите овластувања и задачи не само што не ги спречиле во отварањето на влезните врати, туку обвинетиот

Абдуљфета Алими му ги дал клучевите од врата на обвинетиот Горан Ѓошевски - Леви, за кое време обвинетите Крсто Муковски и Сашо Василевски, кои се амнестирани, ги извадиле металните заштитни греди од левата и десната влезна врата за да овозможат влез на насобраните граѓани и на претходно формираната група со фантомки. Доколку се анализира тој дел од диспозитивот на обвинителниот акт нејасно било што сторил обвинетиот Оливер Поповски, дотолку повеќе што во цитираниот дел од обвинителниот акт неговото дејствие на пропуштање било поврзано со дејствие на уште еден обвинет, па оттаму дејствието кое му се става на товар не се однесува на тоа што тој сторил, туку по мислење на Застапникот на обвинението што тој требал да стори. Определувајќи ги дејствијата на пропуштање во множина како дејствија на две или повеќе лица, Застапникот на обвинението во овој случај обвинетиот Оливер Поповски го определил како дел од собраниското обезбедување, но тој тоа не бил, ниту по ранг ниту, ниту по функција, ниту по работно место, ниту како лице кое било обучено за тоа, но независно од работното место на кое тој бил распореден, а тоа бил Началник за превентивно обезбедување во Одделот за заштита на определени личности и објекти, Застапникот на обвинението очигледно алудирал на обврската на секој полициски службеник на должно постапување во случај на сторување на кривично дело. Наведе дека доколку се анализирал видео материјалот, особено делот од видео материјалите кој се однесувале на отварањето на влезните врати на Собранието од внатрешната страна и ако истиот се анализирал објективно и непристрасно, а не на начин како што тоа го презентирал Застапникот на обвинението, ќе се дошло до следниот заклучок. Имено, во моментот кога амнестираниот К. М. се обидувал да ја отвори левата влезна врата од Собранието, гледано од перспектива на камерата, ќе се утврди дека во тој момент обвинетиот Оливер Поповски не се наоѓал во холот, но при тој обид левата влезна врата од Собранието не се отварала, за да подоцна, по една минута и 30 секунди обвинетиот Крсто Мукоски прави уште еден обид заедно со обвинетиот Сашо Василевски за отварање на левата влезна врата. Наведе дека видно од снимката, обвинетиот Сашо Василевски ги симнува заштитните греди од левата влезна врата при што со трчање приоѓа сведокот В. С. кој ја враќа едната греда, но веднаш со трчање се враќа кон правецот од кој претходно доаѓа неостанувајќи пред влезната врата да оневоможи повторен обид. Во понатамошниот тек од настаните до отварањето на крајната десна врата овој сведок не се појавил на снимките. По овие случувања на снимката се појавил обвинетиот Оливер Поповски кој се наоѓал на почетокот од холот под видео камерата на оддалеченост од најмалку 15 метри од влезните врати на Собранието. Оваа приближна оддалеченост произлегувала од фактот да амнестираниот Крсто Мукоски, видно од видео снимката за да стигне до крајната десна врата употребил 20 чекори. На растојание од приближно 10 метри од стојната точка на обвинетиот Оливер Поповски, па во правец на влезните врати од Собранието постоел столб кој попречувал да се видат средната и десната врата. Во моменот

на отворањето на десната врата обвинетиот Оливер Поповски бил со лице свртен во правец спротивен од влезните врати на Собранието, при што во моментот кога се отвара десната влезна врата тој воопшто не гледал во тој правец, дотолку повеќе што и да бил свртен во правец на вратите од столбот не можел да види дали се отвараат и кој ги отвара вратите. Согласно снимките по моментот на повлекувањето на сведокот В. С. пред влезните врати немало ниту униформирани службени лица, ниту собраниско обезбедување. Времетраењето од појавувањето на Оливер Поповски во холот до моментот на отворањето на десната влезна врата, која не била во неговиот видокруг, изнесувало 8 секунди, па се поставувало прашањето какво дејствие можел да превземе човек на 55 годишна возраст за период од 8 секунди кое би било ефективно, дотолку повеќе што неговата местоположба во моментот на отворањето на десната влезна врата и растојанието од неговата местоположба, до десната влезна врата била повеќе од 15 метри, кое можело да се утврди од бројот на чекори кои сведокот В. С. и амнестираните Сашо Василевски и Крсто Мукоски ги употребиле од почетокот на холот до влезните врати на Собранието, кое било приближно исто растојание од стојната точка на обвинетиот Оливер Поповски до влезните врати. Имајќи го во предвид фактот дека обвинетиот Оливер Поповски на 27.04.2017 година завршил со работните обврски во 16:00 часот, истиот веќе заминал дома, по што телефонски бил повикан од обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви околу 18:00 часот, истиот немал претходни сознанија дека се подготвуваат немири од поголеми размери при што и кога се појавил во Собранието, во холот на Собранието пред влезната врата очигледно било дека не се случувало нешто невообичаено. Ова дотолку повеќе што целиот настан се одвивал набрзина, притоа истиот ниту бил повикан во својство на собраниско обезбедување, ниту некој тоа му го посочил, особено што негова задача и според работното место кое го обавувал била да раководи со работата на секторот, да издава наредби на началниците на одделенијата на секторот со кој раководи, да раководи и ја организира целокупната работа за оперативно-превентивни технички мерки, да организира и дава насоки за работа, да изготвува планови и програми за работа на секторот, да ја координира работата во секторот и другите организациони единици во МВР, да постапува согласно со Законот за класифицирани информации и за својата работа да одговара пред началникот на одделот. Тој не бил член на Оперативниот штаб и до него не биле доставени информации од разузнавачки карактер од претставникот на неговиот сектор во Штабот, сведокот С.Т., а кое произлегувало од исказот токму на овој сведок. Во конкретната ситуација, обвинетиот Оливер Поповски откако видел дека дошло до нарушување на јавниот ред и мир од поголем обем во Собранието за истото го известил својот претпоставен, Началникот на оддел Т. С. и од него добивал конкретни напатствија што треба да превземе. Од извршените вештачења од телефонските броеви на обвинетиот Оливер Поповски, оваа комуникација која била во неколку наврати потврдена. Во таа смисла, тезата на Обвинителството дека

обвинетиот Оливер Поповски при отварањето на вратите од Собранието на РМ сноси одговорност затоа што не реагирал во смисла да ги спречи пратениците да ги отворат влезните врати од Собранието била нејасна и од следните причини: Најнапред обвинетиот Оливер Поповски не бил собраниско обезбедување, особено не обезбедување на влезните врати, ниту од Началникот Горан Ѓошевски, шеф на обезбедување на Претседавачот на Собранието, Т. В., не бил повикан во тоа својство, туку во својство на началник на Сектор за превентивно обезбедување кој со луѓето од неговиот сектор би биле надополнување на постоечките полициски припадници кои веќе биле во Собранието. Понатаму, во моментот пред отварањето на влезните врати во холот на Собранието, пред влезните врати биле присутни и членови на собраниско обезбедување чија основна задача била токму тоа, да го спречат отварањето на влезните врати од Собранието. Оттаму, истиот не можел да очекува дека дел од неговите колеги врз кои немал никакви ингеренции нема да реагираат. И на крајот, имајќи ја во предвид брзината на случувањата, неговата местоположба и растојанието до влезната врата која се отвара, истиот не можел ефективно да реагира и да спречи отварање на влезните врати. Единствено што можел да стори во тој момент било да информира и секако да ги мобилизира луѓето од неговиот сектор и да ги упати кон Прес салата, каде што се одвивало насилството. Тоа и го сторил. Доколку посочената снимка се гледала интегрално ќе се утврди дека веднаш по влегувањето на толпата, обвинетиот Оливер Поповски разговарал на телефон, од вештачењето на телефонските броеви несомнено ќе се утврди дека истиот разговарал и со неговиот претпоставен, Началникот на оддел Т. С. и се движел во правец спротивен на толпата, поточно излегувал надвор од Собранието. Во таа смисла, второто дејствие кое на обвинетиот Оливер Поповски му се ставало на товар, а имено дека заедно со Горан Ѓошевски-Леви и Абдуљфета Алими ја насочувале толпата кон просториите на Собранието, Пленарна сала „М.“ и сала 3, Прес сала било само паушален навод кој ниту во доказната постапка не бил поткрепен со ниту еден доказ ниту при презентацијата на доказите од страна на Обвинителството. Застапникот на обвинението не употребил формулација дека обвинетиот Оливер Поповски ја насочувал толпата кон Пленарната сала „М.“ и Прес салата, сала 3, напротив од презентираните снимки од страна на Застапникот на обвинението кои се однесувале на фоајето пред Пленарната сала „М.“, несомнено се гледа дека обвинетиот Оливер Поповски заедно со членовите од неговиот оддел Т. М., И. А. и З. З. се упатиле кон врата која по објаснување на Застапникот на обвинението водела кон скалите од сала 3, Прес сала. Третото дејствие кое на обвинетиот Оливер Поповски му се ставало на товар, а кое исто така немало поткрепа во ниту еден доказ било дека заедно со обвинетите Оливер Радулов, Сашо Марковски и Горанче Анѓеловски се упатиле кон кабинет број 3, соба за мониторинг и видео надзор, каде по наредба на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви вратата им ја отворила службеното лице А. К., па обвинетите Оливер Радулов и С. М. од собата одзеле два

хард-диска со цел да се прикријат трагите од извршеното кривично дело и да не се откријат регистрираните дејствија од насилниот упад и насилството во Собранието. Најнапред, ваквото дејствие не произлегувало од ниту еден доказ презентиран во текот на постапката, а особено не од презентираниот видео материјал. Ова особено што од презентираниот видео материјал јасно се гледа дека обвинетиот Оливер Поповски не бил присутен ниту во ходникот кој водел кон собата за видео мониторинг, ниту бил присутен пред собата за видео мониторинг, ниту тоа произлегло од исказот на сведокот А.К., ниту пак произлегло и од констатациите на самиот обвинителен акт, па оттаму доколку Застапникот на обвинението констатирал дека во собата за видео мониторинг влегле посочените лица кои се обвинети за помагање на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста, нејасно било која била последицата која произлегувала од контактот на обвинетиот Оливер Поповски со обвинетиот Сашо Марковски пред вратата која води кон ходникот во должина од 50-тина метри пред собата за видео мониторинг, а во кој ходник обвинетиот Оливер Поповски ниту бил присутен, ниту бил присутен пред собата за видео мониторинг, ниту во истата влегол, а ниту побарал, ниту наредил некому на посочените лица да им се овозможи влез во собата за видео мониторинг. Оттаму одбраната смета дека и тоа дејствие како и претходното за наводно насочување на толпата било претставено само како декор во отсуство на инкриминирачки дејствија кои би ја потврдиле тезата на Застапникот на обвинението дека обвинетиот Оливер Поповски бил извршител на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста. Наведе дека по однос на четвртото дејствие кое наводно произлегло од дополнителните докази во текот на кривичната постапка, на обвинетиот Оливер Поповски му се ставало на товар дека истиот во моментите кога некои од обвинетите со нозе го удирале пратеникот З. С., обвинетиот Оливер Поповски стоел на страна, го гледал нападот врз З. С. непреземајќи службено дејствие да го заштити. Притоа наведе дека Застапникот на обвинението со намера најверојатно да ги убеди членовите на советот за основаноста на ова дејствие, во текот на давањето на завршниот збор преку стручно лице од техничка струка презентирал фотографија токму од овој настан, а кој начин на презентирање на докази во фаза на завршен збор со чл.395 од ЗКП не бил предвиден, но целта на одбраната не било ова да го претстави како процесен недостаток, напротив целта била да укаже на бесмисленоста на ова дејствие кое на обвинетиот Оливер Поповски му се ставало на товар. Најнапред, од самата снимка во моментот кога се вршело насилството врз пратеникот З. С. во просторијата имало поголема толпа на луѓе, веројатно повеќе од 30-тина, при што положбата на обвинетиот Оливер Поповски во однос на положбата на пратеникот З. С. била на растојание поголемо од 10 метри, при што помеѓу пратеникот З. С. и обвинетиот Оливер Поповски кој се наоѓал во друга просторија најверојатно ходник, се гледала поголема група од толпата така што истиот немал никаква фактичка

можност ниту да види врз кого се вршело насилство, ниту самиот да превземел било какво фактичко дејствие врз поголема разјарена група на насилници за да го спречи насилството. Ова дотолку повеќе што истиот со себе не носел оружје бидејќи согласно Законот за Собрание тоа било забрането, ниту било какво друго средство на присилба за да можел да се справи со толпата. Наведе дека се поставувало прашањето како Застапникот на обвинението во таа толпа не препознал и други овластени службени лица, туку својот фокус го насочил исклучиво спрема обвинетиот Оливер Поповски чиј што лик во темнината на ходникот едвај и се препознал токму на истиот начин како што за време на давањето на завршниот збор на мониторот во судницата стоела фотографија од обвинетиот Оливер Поповски дури и во моментите кога делот од завршниот збор на Застапникот на обвинението не се однесувале на обвинетиот Оливер Поповски. Наведе дека во својство на полномошник учествувал во постапката која се водела пред МВР по повод дисциплинската постапка против обвинетиот Оливер Поповски, а непосредно поврзана со овој кривично-правен настан. Она што таа постапка и оваа постапка ги поврзувало бил истиот вординг на органите кои ја воделе таа постапка и вордингот кој го употребувал Јавното обвинителство и тоа особено кога станувало збор за квалификацијата на дејствијата на обвинетиот Оливер Поповски. Истакна дека во завршниот збор Застапникот на обвинението во воведниот дел зборувал за владеење на правото како темелна вредност на земјите од ЕУ и како стремеж на Република М. конечно да се приклучи кон земјите во кои владее правото, кое било желба на сите. Притоа наведе дека владењето на правото како темелна вредност меѓу другото значело и спротивност на апсолутизмот и арбитрерноста, но владеењето на правото во кривично-правен контекст значи и почитување на начелото на легалитет, подведување на секое кривично правно дејствие под соодветна правна норма, владеењето на правото значи презентирање на доказите во нивната вистинска светлина, владеење на правото значи и презентирање на докази кои одат на полза на другата страна, особено ако сте Застапник на обвинението бидејќи тоа било и законска обврска. Владеење на правото истовремено значи дека за сомневањето во однос на постоење или непостоење на фактите што го чинеле обележјето на кривичното дело од кое зависи примената на Кривичниот законик, судот ќе одлучи на начин поповолен за обвинетиот. Владеењето на правото значи кога одреден кривично-правен настан го подведувате под одредена кривично-правна норма, истата да не ја применувате сегментирано и селективно со исполнување на еден или два услови од предвидените три или четири. Ова дотолку повеќе што ако условите во законското битие на кривичното дело биле предвидени кумулативно, тогаш не постои можност да се биде креативен, туку постои обврска да се примени закон. Наведе дека во излагањето на завршниот збор Застапникот на обвинението во делот кој се однесувал на обвинетиот Оливер Поповски се повикал на исказ на сведокот О.С., а имено дека дел од лицата кои биле задолжени за обезбедување на Собранието бил и

обвинетиот Оливер Поповски, кој стоел на вратата од Прес салата при што С. Т. им се обратил да превземат мерки на што обвинетиот Оливер Поповски му одговорил „немаме наредба“. Истакна дека анализирајќи го делот од исказот на сведокот О.С., на кој се повикал Застапникот на обвинението, можело да се извлече заклучок дека сведокот бил присутен во просторијата Прес сала, сала 3 во која што се случувало насилството спрема пратениците, тоа несомнено се гледало и на презентираниот видео материјал. Доколку сведокот О. С. наводно упатените зборови од неговото лично обезбедување С. Т. ги слушнал кога тој му се обраќа на Оливер Поповски, тоа значи дека и Оливер Поповски бил во непосредна близина на С. Т., а исто така значи дека Оливер Поповски бил во непосредна близина и на О. С. бидејќи С.Т. бил лично обезбедување на О.С. и независно дали имал или немал наредба истиот во согласност со сопствените можности учествувал во спречувањето на насилството меѓу другото и на сведокот О. С.. Но, доколку исказот на сведокот О. С. се споредел со исказот на посоченото лице С. Т. даден на главна расправа пред овој совет, ќе се утврди дека не било баш така. Напротив, не само од неговиот исказ, туку и од видео снимката пред Прес салата непосредно пред нападот на еден од лицата со качулка врз сведокот С. Т., иако тоа Застапникот на обвинението не го регистрирал, но и од исказот на сведокот С. Т. и од видео снимката, а потоа и од обвинетиот, сега амнестиран М. М., несомнено се утврдило дека обвинетиот Оливер Поповски му ја ставил на врат сопствената службена легитимација на сведокот С. Т. со цел да ја одврати толпата од нападот врз тоа лице. Исказите на сведоците С. Т. и А. А. кои по негово лично убедување биле хероите во овој кривично-правен настан, зборувале за улогата на обвинетиот Оливер Поповски како во Прес салата при нападот на насилниците врз пратениците и другите лица, така и по завршувањето на настанот кога обвинетиот Оливер Поповски и двајцата ги придружвал при нивното транспортирање во болница. Обајцата потврдиле дека превземал активни дејствија за одвраќање на топлата, а сведокот А.А. потврдил и дека Оливер Поповски донел и засилување од неколку припадници на единицата Алфа, која му понудила евакуација, па наведе дека оној што има намера да изврши Терористичко загрозување на уставниот поредок истовремено немал да го спречува настапувањето на последиците од таквиот напад на оние што биле цел на нападот. Во врска со ова доставиле и доказ, фотографија, од која се гледа какви дејствија превземал обвинетиот Оливер Поповски. Видно од видео материјалот од Прес центарот, забележливо било присуство на поголем број на овластени службени лица кои Застапникот на обвинението зависно од ситуацијата ги именувал некогаш како НН лица, а некогаш со нивното име и презиме, но не се виде дека истите превземале било какво дејствие за спречување на насилниците, барем не дејствија по обем и активитет позначајни од дејствијата што ги превзел обвинетиот Оливер Поповски, но не биле опфатени со обвинение. Исто така наведе дека во завршниот збор на Застапникот на обвинението, особено во делот кој се однесувал на

обвинетиот Оливер Поповски, Застапникот на обвинението бил запрепастен од однесувањето на обвинетиот Оливер Поповски, при што употребил констатација дека вакви полициски службеници биле прво срам за униформата која ја претставувале, а второ биле срам за државата за која се имале заколнато да ја штитат и чуваат. Ваквата констатација го навела бранителот на помислата дали Застапникот на обвинението успеал целосно да го идентификува обвинетиот Оливер Поповски. Имено, Оливер Поповски не бил униформирано овластено службено лице, навистина истиот на снимките бил во облека со сина боја, џинсот не претставувал опрема на униформираните службени лица, а што се однесувало до срамот како етичка категорија секако ќе се сложи со Застапникот на обвинението дека се виделе многу срамни дејствија на овластени службени лица, униформирани, наоружени до заби, со панцири на себе со средства за присилба кои лежерно седеле на скалите, но и на гарнитурите за седење во фоајето пред салата „Длаборез“ и ноншалантно го гледале девастирањето на имотот во Собранието и ноншалантно го гледале претепувањето на пратениците и новинарите во Прес салата и тие немале наредба очигледно, но не се присутни во судницата. Наведе дека за него многу поголем срам бил државата да ги троши парите на даночните обврзници за плати на пратеници кои учествувале во организација на насилство за кои повторно со парите на даночните обврзници се донел закон со кој истите тие пратеници не само што се амнестираа, туку им се овозможувало да влијаат на општествените текови преку донесување на закони. Наведе дека доколку се прочита Законот за амнестија, согласно чл.2 ст.2 од истиот, решението за амнестија се донесува по прибавено мислење од јавен обвинител, не било задолжително да биде позитивно, одлука донесува Кривичен совет и толку околу срамот. Во текот на оваа постапка главниот акцент бил ставен на насилството, тоа било јасно видливо, неспорно и за тоа секој требало да сноси одговорност. За жал некои успеале врз основа на решение за амнестија да бидат екскулпирани иако спротивно на Законот за амнестија, затоа што меѓу нив се виделе луѓе со неутврден идентитет, луѓе кои носеле оружје и луѓе кои учествувале во организацијата на настанот, но не се слушнало ништо за уставниот поредок. Меѓутоа законското битие на кривичното дело кое им се ставало на товар на овие лица говорело за загрозување на уставниот поредок. Наведе дека ако се погледне Уставот на РМ кои темелни вредности ги предвидува како основни вредности на уставниот поредок на РМ ќе се постави прашањето кој дел од уставниот поредок на РМ бил загрозен со овој кривично-правен настан, па така основна темелна вредност на Уставот на РМ биле основните слободи и права на човекот и граѓаниот признати во меѓународното право и признати со Уставот. Истакна дека една од темелните вредности на уставниот поредок е слободно изразување на националната припадност и соодветната правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државна власт и другите јавни институции на сите нивоа, владеење на правото, темелна вредност на уставниот поредок

политичкиот плурализам и слободни непосредни демократки избори, правна заштита на сопственоста, слобода на пазарот и претприемништвото, хуманизам, социјална правда и солидарност, локална самоуправа, уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и на природата, а последното начело на темелните вредности на уставниот поредок е почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, па се поставува прашањето, доколку се имаат во предвид сите темелни вредности на уставниот поредок на РМ, овие насилнички дејствија кои биле несомнени кој дел од уставниот поредок го загрозиле, дали бил загрозен политичкиот систем во РМ, дали била загрозена формата на уредување, дали била извршена национализација на имотот и бил направен атак на сопственоста, дали била загрозена поделбата на власта, дали бил направен насилен преврат на легално избрана власт, дали воопшто било загрозено функционирањето на државата. Државата функционирала и воспоставила ред и ги извела пред суд тие за кои сметала дека се виновни. Се поставувале многу прашања по однос на тоа дали и кој дел од уставниот поредок бил загрозен, па оттаму флоскулата „со цел да се оневозможи и спречи избор на

Претседател на Собранието“ било само оправдување за подведување на овие насилнички дејствија по одредбата од член 313 од КЗ. Како што констатирал Застапникот на обвинението во завршниот збор, изборот на Претседател бил извршен два часа пред насилното влегување во Собранието. Овој неспорен факт произлегол и од сведочењето на голем број сведоци кои сведочеле во оваа постапка. Оттаму изборот на Претседател или начинот на негов избор очигледно бил повод за насилство што било без сомневање за осуда, но не и цел која би се постигнала со насилството, поточно да се спречи таков избор со што би се загрозил уставниот поредок бидејќи изборот веќе бил извршен. Фактот што насилството се случило во Собранието како највисок законодавен дом секако била околност која влијаела врз карактерот на насилството кое било извршено, но тоа не значело дека според местото на извршување на кривичното дело требало да се определи и правната квалификација на кривичното дело. Наведе дека ова биле неговите дилеми, а не констатции и дека се надева дека судот ќе даде одговор кој се темели на закон. Главниот недостаток на ова обвинение што и по завршувањето на оваа постапка сите овие дилеми кои нему му се поставиле како прашања ќе останеле неодговорени затоа што клучните актери ги немало, а нивните искази ќе ја дефинирале намерата и усмислата, но немале среќа да ги слушнат. Наведе дека Оливер Поповски можел да не се јави на телефонскиот број, да остане дома и денеска да живее мирен и спокоен живот. Тој како негов бранител не бил најсреќен со начинот на неговото постапување, можел да биде и подобар началник, меѓутоа тоа не го правело лице кое со умисла дошло во Собранието обидувајќи се меѓу другото да заштити некој од своите колеги, да го загрози уставниот поредок на РМ. Можеби во неговите дејствија, дејствија

на пропуштање можеле да се најдат недостатоци, дека можел да биде поенергичен, видливо било дека бил исплашен, знаел дека има глауком и се плашел од повреда на очите, знаел дека бил изгубен, едноставно не се снашол во ситуацијата, но спречувал и се обидувал да спречи насилни дејствија толку колку што можел. Наведе дека владеењето на правото било овој совет да има доблест да му каже на Јавниот обвинител дека погрешил во неговата квалификација и обвинетиот Оливер Поповски да го ослободи од обвинение за кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста.

Бранителот на обвинетиот Оливер Радулов, адвокат Маја Дојчиновска во завршен збор наведе дека овој судски процес до својата завршна фаза бил проследен со многу турбуленции и превирања каде одбраната давала завршни зборови по претходно прецизирање на обвинителниот акт даден во завршниот збор на Обвинителството. Одбраната останала во најмала рака изненадена како Застапникот на обвинението по сите настани што се случиле во судницата, преку опсежната доказна постапка, но и надвор од судницата, со голема леснотија останал на суштински непроменето обвинение каде сите обвинети се товарат дека сториле кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ. Имено, сите учесници во овој судски процес, а и целата јавност била сведок на донесениот Закон за амнестија кој јасно алудирал дека обвинетите за овој кривично-правен настан не можеле да одговараат за кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ, затоа што целта на овој закон и интенцијата на законодавецот при неговото донесување била токму ослободувањето од одговорност на обвинетите од одговорноста за вака квалификувано кривично дело. Одбраната се повикала на Законот за амнестија во овој судски процес бидејќи овој судски совет бил врзан и требал да го почитува овој закон и да изнајде конкретна примена на истиот во предметниот случај и била свесна дека овој закон се однесувал поединечно за секое лице во рамките на нивните дејствија на извршување и за волја на вистината селективно се применил кон одредени обвинети и тоа по желба на Обвинителството, но истиот е општ закон и судот е овластен да го примени во овој судски процес. Смета дека вредно е да се напомене дека за настаните од 27 април 2017 пред овој суд се воделе низа судски постапки каде како обвинети се јавувале службени лица, граѓани кои влегле во Собранието на Република М. и лица со прикирен идентитет, односно лица кои noселе фантомки, истите одговарале како сторители на кривично дело Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие, Учество во толпа што ќе изврши кривично дело, Насилство или пак Убиство. Наведе дека кога зборува дека за настаните од 27 април одговарале службени лица во други предмети со друга правна квалификација, воглавно Учество во толпа што ќе спречи службено лице

во вршење на службено дејствие, мисли на полициски службеници вработени во МВР кои критичниот ден влегле во Собранието на Република М. и превзеле дејствија на извршување кои всушност одговараат на дејствијата на извршување за кои се товарат полициски службеници во овој предмет, но се обвинети за вака тешко кривично дело, па во таа смисла за одбраната останува нејасно како Обвинителството ги издвоило по своите дејствија токму сега овие 17 обвинети лица како клучни во организираниот со умисла планиран упад во Собранието на Република М., како и дека токму и баш само тие обвинети имале намера да го загрозат уставниот поредок или безбедноста на Република М.. Истакна дека доколку се анализирал обвинителниот акт во неговиот општ диспозитивен дел ќе се увидело дека пред се за Обвинителството било проблематично времето на наводно извршување на кривичното дело на 27.04.2017 година, од 14:30 до 22:30 часот, кое време не се поклопувало со времетраењето на конситутивната седница во Собранието на РМ како што се тврди во диспозитвот на обвинителниот акт, туку конститутивната седница на Собранитето што било ноторно била раководена и прекината од тогашниот Претседавач на Собраните на РМ во 18:00 часот, а тоа што се случувало после 18:00 часот било надвор од редовното заседание на Собранието на РМ. Во ситуација кога Обвинителството имало поставено своја теорија на случај во обвинителниот акт, а која ја докажувало во текот на постапката преку своите предложени докази, која пак за волја на вистината не ја докажало, Обвинителството тврдело дека обвинетите со усогласени и поврзани дејствија со намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на Република М. предизвикале акт на насилство во Собранието на РМ, ги загрозиле животот на пратенитеците, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието, со што предизвикале чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните, при што обвинетите во оваа постапка се товареле дека наведеното го сториле со повеќе поврзани и усогласени дејствија со мобилизирање на членство на здруженија „Тврдокорни“, „Черноземски“, „Ченто“, „Ќосето“ и други, инструирање на групи со маски и фантомки за насилно влегување и вршење насилство во просториите на Собранието, држење на потпалувачки говори, отстранување на безбедносните и заштитните механизми од главната врата на Собранието, насочување кон просториите со истовремено кооординирано неактивирање на полициски сили, кои дејствија така подробно опишани претставувале една компактна целина која можела да ја постигне својата цел само доколку функционирала синхронизирано и уедначено онака како што било опишано во обвинението. Меѓутоа, Обвинителството тука пропуштило еден многу битен факт, фактот дека целата група која како што тврдело Обвинителството преставувала еден цел мозаик, но за 15 лица опфатени во првичното обвинение согласно Законот за амнестија постапката против нив била правосилно запрена, а околноста дали истите ги превзеле или не дејствијата кои им се ставаат на товар во целата група на обвинети ниту било утврдено, ниту пак судот смеел да го утврдува при

одлучувањето со оглед дека за судот овие лица биле невини, против нив не се водела кривична постапка, а со тоа се сметало дека не превзеле инкриминирачки дејствија без кои дејствија не би можело да опстои обвинението онака како што било поставено и конечно не би можело да постои предметното кривично дело. Дејствијата на извршување на лица за кои била запрена кривична постапка во никој случај не смееле да се коментираат, а уште повеќе да бидат содржани во диспозитивот на обвинителниот акт, но за жал Обвинителството се повикувало на истите, а со тоа недвојбено го кршело правото на презумпција на невиност, кои дејствија пак според описот во обвинението претставувале иницијална каписла за сторувањето на кривичното дело, односно биле condition sine qua non, услов без кој не се може, услов кој доколку не постоел не би се случил предметниот правно-кривичен настан. Ако судот не би бил во можност да утврди дали постоеле потпалувачки говори, дали имало отстранување на безбедносни и заштитни механизми во Собранието, дали имало насочување кон просториите со пратеници во Собранието, тогаш воопшто не би бил во можност да ја утврди теоријата на заговор дека обвинетите заеднички, организирано, планирано предизвикале акт на насилство во Собранието на Република М.. Наведе дека со ниту еден доказ предложен и изведен во текот на постапката Обвинителството не успеало достојно да докаже за ниту еден од нејзините штитеници дека превзел некакво општоопасно дејствие или акт на насилство од кое дејствие се создало чувство на несигурност или страв кај граѓаните, а во никој случај со сигурност не докажало дека имале намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на РМ. Всушност, судот имал можност да се увери дека истите ниту го загрозиле поредокот, ниту делувале против Уставот на РМ, ниту оневозможиле избор на Претседател на Собранието на РМ, ниту имале таква намера со оглед дека критичниот ден бил избран Претседател на Собранието на РМ пред воопшто толпата народ да влезе во собраниската зграда, кој бил легитимен и законит Претседател се до ден денес, ниту пак некој од нејзините штитеници го загрозил животот или лично предизвикал чувство на страв, несигурност и загрозување на некој од присутните лица во Собранието. Наведе дека битие на предметното кривично дело е загрозувањето на уставниот поредок или безбедноста на Република М. и тоа со намера од страна на сторителот, а дејствие на извршување на тоа дело е превземање на општоопасно дејствие или акт на насилство. Опсежната доказна постапка недвојбено ја докажа теоријата на случај на одбраната, а тоа било дека ниту еден од нејзините штитеници не превзел никакво општоопасно дејствие или акт на насилство од кое дејствије се создало чувство на несигурност или страв кај граѓаните. Истакна дека на обвинетиот Оливер Радулов на товар му се ставале дејствија дека како овластено службено лице, тогаш обезбедување на Директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање, заедно со Сашо Марковски, овластено службено лице во УБК, спротивно на своите службени овластувања со умисла помогнале во извршувањето на кривичното дело на начин што заедно со

обвинетите Горанче Анѓеловски и Оливер Поповски се упатиле кон кабинетот број 3, соба за мониторинг и видео надзор каде по наредба на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви вратата им ја отворила овластено службено лице А. К., па обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски од собата одзеле два хард диска со цел да ги прикријат трагите од извршеното кривично дело и да не се откријат регистрираните дејствија од насилниот упад и насилството во Собранието. Наведе дека од така опишаните дејствија на извршување на обвинетиот Оливер Радулов се гледала неодлучноста на Застапникот на обвинението за што всушност го товари, дека со умисла помогнал во извршување на кривичното дело или пак помогнал да се прикријат трагите од веќе извршеното кривично дело? Тоа биле сосема две различни правни квалификации и несериозно било за Обвинителството за вака сериозно конструиран случај со запретени затворски казни над 10 години, самиот да не знае за што го товари обвинетиот Радулов. Истакна дека обвинетиот Оливер Радулов се товарел за помагање во извршување на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста по чл.313 вв со чл.24 од Кривичниот законик, но за одбраната било нејасно на кого обвинетиот Радулов му помогнал да го изврши кривичното дело, на кој начин го сторил тоа, како помогнал и кога, дали некој можел да одговара за помагање во сторување на кривично дело кога веќе истото наводно било извршено? Наведе дека материјалниот закон во чл.24 од КЗ предвидел дека како помагање може да се смета помеѓу другото и однапред ветеното прикривање на кривичното дело на сторителот, на средствата со кои е извршено кривичното дело, на трагите на кривичното дело или предметите прибавени со кривичното дело. Согласно теоријата на случајот на Обвинителството наведе дека повторно поставува прашање, кому обвинетиот Оливер Радулов однапред му ветил дека ќе го прикрие него или трагите од стореното кривично дело, кого конкретно се обидел да прикрие како сторител, чии противправни дејствија и кое кривично дело го прикривал? Наведе дека во правната теорија и пракса е предвидено дека услов за постоење на помагачки дејствија е да постои реален придонес кон извршувањето на главното кривично дело, кој придонес обвинетиот Радулов во никој случај го немал во овој кривично-правен настан. Ниту еден од обвинетите во оваа судска сала не добил ветување, ниту се надевал на помош од страна на обвинетиот Радулов, ниту пак обвинетиот со своите дејствија за кои Обвинителството тврди дека ги превзел помогнал некој да остане неоткриен, ниту пак превзел дејствија на извршување со цел трагите од кривичното дело да бидат избришани. Во конкретниот случај снимките кои ноторно постојат до ден денес и за иронијата да биде уште поголема, истите снимки од собраниските камери биле изведени како доказ во оваа судска постапка. При таква состојба на работите, одбраната легитимно прашува за што всушност се товари обвинетиот Радулов, за обид, за прикривање на траги и сторители, всушност неподобен обид? Наведе дека Застапникот на обвинението бил должен да докаже дали снимањето на просториите во Собранието на РМ

се регистрирало токму на овие два хард диска кои наводно ги одзел обвинетиот Радулов заедно со Сашо Марковски или пак видео записите од Собранието на РМ се регистрирале на посебни сервери. Со оглед да тој факт останал недокажан, наведе дека одбраната ќе се осврне на неколку нотoрни факти. Главен адут на Обвинителството во докажувањето на својата теорија на случај неспорно биле видео снимките од Собранието на РМ, што значи дека нотoрен факт било дека снимките од собраниските камери не биле уништени и покрај фактот што биле отстранети двата хард диска од собата за мониторинг и видео надзор. Тоа значи дека доколку Застапникот на обвинението успеел да докаже дека навистина токму обвинетиот Оливер Радулов заедно со Сашо Марковски ги одзел овие два хард диска, тие дејствија на извршување всушност би биле неуспешен, неподобен обид. Истакна дека законодавецот неподобниот обид го дефинирал како умислено започнување со извршување на казнено дело што објективно не можело да се изврши поради неподобноста на средството или предметот. Наведе дека помагањето, за да претставува инкриминирачко дејствие согласно правната пракса треба да се однесува секогаш на определено лице или определен круг лица и на определено дело, а помагачот треба да има свест дека му дава конкретна помош на определено лице во извршување на точно определено дело како и дека не постои помагање на однапред неопределено лице, ниту пак на однапред неопределено дело, што било случај во предметното обвинение. Во текот на постапка неспорно произлегло дека обвинетиот Оливер Радулов на критичниот ден 27.04.2017 година делувал како овластено службено лице кое по наредба на свој претпоставен бил упатен во Собранието на РМ со цел опсервирање на состојбата, а исто така по усна наредба на претпоставен бил ангажиран како придружба на неговиот колега, обвинетиот Сашо Марковски кој поради својот физички инвалидитет не бил во можност самостојно да се движи во тешките услови во Собранието и обвинетиот Радулов имал една и единствена улога во целиот настан, а тоа била, заштитничка улога, физичко обезбедување на обвинетиот Сашо Марковски, кој е со над 60% траен инвалидитет, чија физичка состојба всушност и судот имал можност самиот да ја процени. Обвинетиот Радулов ниту знаел, ниту можел да знае кои биле двете лица кои дошле во придружба со него и со колегата Марковски со оглед дека претходно не ги познавал, така што цврсто верувал дека биле тоа негови колеги како што му било кажано, имајќи предвид дека едниот од нив носел радио станица „Тетра“ и службена легитимација, кое нешто го потврдил и сведокот на Обвинителството А. Б. К., па дури со едниот од нив си размениле телефонски броеви во случај да му затреба поради околностите настанати во Собранието. Иако, Обвинителството се обидело да ја претстави како клучен доказ анализата на телефонска комуникација помеѓу обвинетиот Оливер Радулов и обвинетиот Горанче Анѓеловски, сепак со таа комуникација ништо суштински не се докажало, а комуникацијата имала своја реална и логична оправданост од причина

што обвинетиот Горанче, кој се наоѓал во пријавницата, пред мониторинг салата, а претходно до таму ги придружувал него и обвинетиот Сашо Марковски, телефонски го побарал обвинетиот Оливер Радулов да го извести дека поради шок бомбите и задушливоста во Собранието му се слошило и побарал помош од истиот. На иста линија била и телефонската комуникација остварена помеѓу обвинетиот Оливер Радулов и обвинетиот Никола Митревски кој бил неврзан разговор ако се имала предвид околноста што обвинетиот Радулов и обвинетиот Никола Митревски биле познаници од населба долги години пред овој настан. Истакна дека обвинетиот Оливер Радулов ревносно и достоинствено ја вршел својата задача која му била доверена како припадник на безбедносните служби, долги години припадник во МВР и поранашен воен старешина на служба во АРМ кој учествувал во одбрана на независноста, територијалниот интегритет и суверенитетот на РМ и спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на РМ во конфликтот во 2001 година. Оливер бил зрела личност, семеен човек, посветен сопруг и татко на малолетно дете, секогаш давал пример на беспрекорна послушност во службата и почитување на законите без ниту една дамка во неговата професионална кариера, што говорело за неговиот некриминоген карактер и личност. При давањето на крајниот сублимат на правната квалификација и дејствијата на извршување кои му се ставаат на товар на обвинетиот Оливер Радулов наведе дека одбраната била длабоко уверена дека судот ќе ги прифати аргументите на одбраната посебно во делот на правната квалификација, имајќи ја во предвид судската пракса и посебно чл.365 од КЗ каде е детерминирано кривично дело Помагање на сторител по извршено кривичено дело, кое кривично дело во неговото битие за жал било непознато за Обвинителството. Во својот завршен збор Обвинителството побарало судот да постапува и одлучува пред се како човек, како граѓанин на оваа држава, а одбраната била длабоко уверена дека овој искусен и докажан судски совет низ призмата на правдата, како самата Јустиција исправена пред нив ќе ја извага вистината, водејќи се од разумот и правдата, притоа недозволувајќи да си ги извалка рацете со неправото од „Крвавиот четврток”. Наведе дека очекува дека овој судски совет согласно силината на доказите ќе пресуди непристрасно, законито и правично, ќе донесе пресуда која ќе биде запаметена и ќе испише историја во правосудството на Република М., со која ќе одржи лекција за правораздавање и ќе изрече ослободителна пресуда за обвинетиот Оливер Радулов.

Бранителот на обвинетиот Мунир Пепиќ, адвокат Еленко Миланов во завршен збор наведе дека судскиот совет со вака конципираниот прецизиран обвинителен акт од Обвинителството, е ставен во многу непријатна позиција и е ставен во состојба да мора да донесе ослободителна пресуда за да не повреди права на личности кои се опфатени и е применет Законот за амнестија од Сл. весник од декември 2018 година, бидејќи согласно овој Закон за амнестија и тоа ставот 1, член 1 став 1, се ослободуваат од кривично гонење и се запираат поведени

кривични постапки. Иако, во насловот на овој закон стои Закон за амнестија правната формулација и значење на овој член 1 став 1 е дека во однос на лица за кои е применет Законот за амнестија никој не може и не смее да утврдува ниту вина, ниту невиност. Вака како што е конципиран прецизираниот обвинителен акт, зад секое од лицата зад кое стои постапката е запрена согласно Законот за амнестија па продолжува со дејствија на тие лица во диспозитивот на овој обвинителен акт кој би биле евентуално инкриминирачки дејствија и ако советот го прифати овој обвинителен акт вака како што е прецизиран, во тој случај треба да утврди инкриминирачки дејствија за сите оние лица кои што не се наоѓаат во судницата, кои немаат законска можност било што од тоа да оспоруваат, но се наоѓаат во диспозитивот и ако тој диспозитив отиде со осудителна пресуда без нивно право за произнесување, сите тие лица може да се смета дека тие имаат утврдени инкриминирачки дејствија. Аболицијата како правен термин тоа не го дозволува. Во однос на правната квалификација која што е поставена во поднесениот обвинителен акт, а тоа е членот 313 од КЗ, се инкриминира загрозување на уставен поредок или безбедност на државата односно Република М.. Ако се анализираат елементите, односно уставниот поредок и се запрашаме кој беше уставниот поредок во Република М. пред 27.04. и кој е уставниот поредок во Република М. по 27.04. се доаѓа до заклучокот дека и пред овој датум и пред овој настан и по овој датум и по овој настан, уставниот поредок е парламентарна демократија. Ниту во диспозитивот на обвинителниот акт, ниту во било кој од изведените докази се утврдува дека било кој, во било кој момент на случувањата од 27.04. сакал да воспостави монархија, воена хунта, претседателски систем или било какво друго уставно уредување или поредок за да може да се каже дека уставниот поредок на 27.04. бил загрозен. Ниту пак во диспозитивот на овој обвинителен акт има било каков релевантен податок или налог дека била загрозена безбедноста на Република М.. Самото внесување на оваа формулација без давање на податоци на кој начин, како и со што, таа безбедност била загрозена, смета дека ниту во овој суштествен елемент за сторување на ова конкретно кривично дело не постои ниту опис во обвинителниот акт, а ниту пак тврдење и од самиот тужител, дека безбедноста била загрозена. Нарушување на јавен ред и мир од помал или поголем обем како што се случи на 27.04. не може да се третира како загрозување на безбедноста на самата држава. Со сличен, па дури и поголем обем на загрозување на јавниот ред и мир се соочувала нашата држава, дали тоа биле спортски натпревари, немири од протести на граѓани, па можеби дури и упад во канцелариите на Претседателот на државата, никој, никогаш не потврдил, не помислил и нема поведено постапка дека станува збор за загрозување на безбедноста со поставување на ваква правна квалификација. Од сето ова изнесено, смета дека во конкретниот случај ниту во однос на поставеното кривично дело како правна квалификација од Обвинителството, овој суд не би можел да донесе осудителна пресуда. Доколку се погледне завршниот збор на Обвинителството и она што го

наведува како диспозитив во својот обвинителен акт, може да се види дека во дел на утврдување на одредени факти, се повикува на некои лица Стефан Младеноски, Михаел Младеноски, Захарие Симовски кои не се обвинети, ниту пак овие лица имаат дадено исказ во својство на сведоци пред овој судски совет, па смета дека истите дале искази во својство на обвинети, со неоспорно право кое им го дава законот да се бранат онака како што сметаат дека е најкорисно за нив или разбирливо за оние кои што не се правници, правото да се бранат со невистина. Описот на обвинителниот акт со неговото прецизирање внесува нови дејствија во однос на дел од обвинетите што посебно се однесува на обвинетиот Мунир Пепиќ, каде што сите оние дејствија кои што за овој обвинет беа во постојниот обвинителен акт се тргнати и не постојат, а се внесува ново дејствие во завршен збор, за кое дејствие ниту обвинетиот, ниту одбраната можела да се произнесе, да го каже своето видување, да обезбедува докази и да со докази го оспорува ова ново внесено дејствие, со што ниту од овој аспект смета дека судот не може да донесе осудителна пресуда во однос на обвинетиот Мунир Пепиќ без отпочнување на постапката од почеток со давање на можност за доставување на докази, листа на докази или одбрана во насока на ваква квалификација и опис во обвинението. Во однос на новите дејствија кои што се ставени и поставени во однос на обвинетиот Мунир Пепиќ се внесуваат врз основа на писмен допис од Обвинителството со кој што бара да се изведуваат дополнителни докази. Дописот на обвинителството е од 12.12.2018 година. Ваквиот допис на сите спротивни странки во одбраната е претставен од судот на записник од 14.12.2018 година и никогаш не е доставен на ниту еден од обвинетите и бранителите, па откако на она што не им е доставено никој и не сакал да се произнесе, судот на истиот записник продолжува со изведување на овие дополнителни докази без притоа да донесе процесно решение зошто овие докази смета дека се дозволени како дополнителни, дали таквите докази произлегуваат од содржината на веќе изведените докази или не. Притоа бил изведен доказ ЦД снимка која е добиена во надлежното Обвинителство од Основното јавно обвинителство С. на 14.06.2018 година. Обвинителството кое постапува пред овој судски совет како надлежно обвинителство располагало со овој доказ од 14.06. или пред отпочнувањето на главната расправа во оваа постапка, но истиот не го доставила. Ваквата ЦД снимка не произлезе од исказ на некој од сослушаните сведоци или како ЦД снимка која произлегува или продолжува од некоја од веќе изведените ЦД снимки со видео материјал, па со тоа воопшто и не претставува доказ кој би можел да се изведува во дополнение на доказната постапка. Наведе дека предложените видео снимки се изведени на начин што предлагачот констатирал во записник и го водел записникот за тоа што се гледа во снимките, иако лично толкувајќи ги процесните одредби на ЗКП, смета дека Претседателот на судскиот совет како овластен за водење на записникот, требаше овој материјал и она што реално се гледа на истиот, да го внесува, бидејќи вака тој е  сведок на тоа дека Обвинителството го внесе на записник она

што сака да го види, она за што има интерес да го види и да го внесе во записникот, но не и сето она што реално се случуваше во материјалот кој што бил презентиран. Па така, овој материјал како нешто што може да се види не постои ниту на електронскиот медиум, ЦД кој што сите од одбраната го имаат добиено за презентација на тој материјал, туку повторно го имаат само она што Обвинителството го гледало и што го евидентирало. Наведе дека очигледно е дека она што се утврди во доказната постапка од исказите на Обвинителството, исказот на обвинетиот Мунир Пепиќ и доказите предложени од негова страна, е дека одбраната во целост успеа да ги побие наводите во поднесениот обвинителен акт од 27.03.2018 година, со приемен печат од истиот датум во судот, бидејќи во прецизираниот обвинителен акт кој што исто така носи датум 27.03.2018 година, претпоставува дека е техничка грешка, а е предаден на обвинетите и бранителите пред отпочнувањето на завршните зборови, нема ниедно претходно дејствие на сторување на било каков инкриминирачки акт од страна на обвинетиот Мунир Пепиќ кое би опстојувало и во овој прецизиран обвинителен акт. Напротив, во однос на овој обвинет се наведува една реченица дека обвинетиот Мунир Пепиќ со нозете го удрил оштетениот пратеник З. С. кој лежел на подот и тоа е единствениот опис на дејствие, освен што името на овој обвинет се сретнува и во уводниот дел на диспозитивот каде што се набројани сите обвинети или лица за чии имиња стои амнестирани согласно Законот и ова дејствие според Обвинителството би требало да претставува некакво дејствие на Терористичко загрозување на уставниот поредок. Смета дека ваквото тврдење се граничи со апсурдност, но тоа би било доколку навистина од некој доказ или од нешто би произлегло така, но во конкретниот случај ниту во однос на ова не постои доказ кој што таквата констатација би ја потврдил. Осврнувајќи се на ЦД снимка истакна дека Обвинителот во својата презентација наведува: „дијагонално под лицето кое стои поткачено на нешто и прво ги задава ударите на пратеникот З. С. се гледа и обвинетиот Мунир Пепиќ свртен со лицето према пратеникот З. С.“ со навод дека тоа е во време од 00:59 од таа снимка. Ваквиот навод само покажува дека ако се наоѓа дијагонално, не е во близина на тој пратеник, па ниту може да превземе акт на насилство ниту да превземе дејствие за да во истиот навод за она што го гледа Обвинителството се продолжува: „се гледа како и тој се пробива во првиот ред точно пред местото каде што лежи пратеникот З. С. и со нозете го клоца најпрвин со десната, па со левата нога“. Смета дека судиите треба убаво да ја погледнат оваа снимка. Снимката која што ја презентираше Обвинителството и тврдеше дека обвинетиот Мунир Пепиќ удира некого со нога, покажува нога во фармерки и бела патика која замавнува во одреден правец бидејќи ниту се гледа дали таму има лице или нема лице. Мунир Пепиќ се гледа на поголем број од фотографиите, Мунир Пепиќ таа вечер нема бела патика, бојата на неговите патики е сосема друга, Мунир Пепиќ се гледа на таа фотографија што е неспорен факт, Мунир Пепиќ бил во Собранието и зошто и како, истиот веќе докажа. Во таа фотографија и

во тие сегменти Мунир Пепиќ се наоѓа во полусвиткана положба, со телефонот во раце, кој што може да се види на било која снимка каде што судот може да види дека Мунир Пепиќ ја извршувал својата работа и ги информирал своите претпоставени и во таква полусвиткана положба ниту може да се зададе удар, ниту пак како што самото Обвинителство видело и тврди дека таму лежи повредениот пратеник С. има основ да тврди дека обвинетиот Мунир превзел било каков акт на насилство. Можеби сакало Обвинителството приближувањето до тоа место и евентуално фотографија или реално известување за тоа кој е нападнат или се повредува е она за што се приближил таму и ова треба да се третира како Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста? Мунир Пепиќ како што е познато и од доказите, таму бил поради службени обврски. Службените обврски очигледно ги завршил професионално и задоволително за неговата служба затоа што Мунир Пепиќ и ден денеска се води како вработен во Агенцијата, но поради неговиот статус на куќен притвор, работниот однос му е во мирување, но тој не е избркан затоа што службите се свесни дека не е терорист и нема насилни дејствија и акти во овој настан. Мунир Пепиќ со оглед на својата служба не може и не смее да го открие својот статус се додека има премногу луѓе во тој настан и на тоа место затоа што неговата служба е токму тоа да без да биде забележан од околината известува за она што се случува. И после овој процес таа негова служба завршила каде никаде не можел да биде неприметен. Истакна дека од исказите на сведоците В. Ѓ., Н. Т., па дури и од сведокот А.А. кој што е еден од потешко повредените во овие настани, а и од делови на видео материјалот кој што Обвинителството не го внел на записник бидејќи не го видел или не сакал да го види, се гледа дека во моментот кога во просториите на Собранието останале само припадници на МВР, цивили и во униформа, Мунир Пепиќ активно помагал во изнесување на повредени, пружање на нивна помош, на помош кон нив, па дури и користењето на своето познавање за мимикрија, се обидел да ја прикрие надворешноста на повредената Ш. за да полесно и понеприметно биде изнесена. Верува дека овој судски совет со согледување на сите овие факти, со проверка на сето она што го одбраната го тврди, како во однос на дејствијата од првобитниот така и во однос на дејствијата од прецизираниот обвинителен акт со дури и содржината на таа фамозна ЦД снимка од дополнение на доказната постапка, ќе утврди дека овој обвинет не превземал никакво инкриминирачко дејствие, а со тоа во однос на него ќе донесе ослободителна пресуда.

Бранителот на обвинетиот Абдуљфета Алими, Донче Наков адвокат од Ш. во завршен збор наведе дека завршниот збор на Обвинителството му ја дава инспирацијата и фактот со кој смета дека единствено може да го убеди судот, а и сите останати во она што како во воведен говор како негова теза го наговестил. Она што го кажува денес по институтот

beneficium cohaesionis, ќе важи за сите останати обвинети. За да судот го разбере неговиот правен став и неговата стратегија, пред се треба судот да има неколку работи пред себе кои се правно облигаторни за судот при носење на пресудата. Првата облигација, многу сериозен теоретски пристап има за ова и во овој дел спремајќи се за неговите ставови, читал текстови на Врховниот суд на Република Х., судија Ана Гарачиќ, бидејќи македонската судска пракса не изобилува со како што вели, стручни дела во тој сегмент. Се работи за правната облигација која поименично во новот ЗКП е наведена за објективен идентитет на пресудата со обвинението. Симплифицирано кажано, се она што е во обвинението во делот на објективниот и субјективниот интегритет, мора дословно да биде пресликано во пресудата без можност судот да интервенира во тој дел. Наведе дека ова го вели заради тоа што во самиот обвинителен акт, оној иницијалниот и оној прецизиран на записник, има позиции и тоа позиции од аспект на време на извршување на кривичното дело, позицијата место на извршување на кривичното дело и позицијата начин на извршување на кривичното дело, кои не му даваат можност на судот да напише ослободителна пресуда. Се согласува со обвинителството, да темелна вредност на сите земји членки на ЕУ и кај нас најверојатно е силното владеење на правото. Во тој дел постои Закон за амнестија кој не заврши со донесување на решенија кон луѓето кои не се во оваа сала, а беа во иницијалниот обвинителен акт, туку тој закон на два начина е сеуште актуелен и мора овој совет да го примени. Првиот дел, од она што мора судот да го примени е тоа што факт е дека постојат во овој предмет решенија и преписки и правни реперкусии на тие решенија бидејќи ако се земе било кое решение за амнестија кое е во овој предмет,  ќе се види дека во тие решенија има правни позиции кои се утврдени правосилно и кои и те како се врзани за овој обвинителен акт. Овој закон важи и од аспект на тоа што во правниот промет во Република М., пред овој суд сеуште се во тек постапки кои не се правосилно завршени, што значи не се со време лимитирани, туку важат и во овој момент. Тој Закон за амнестија во онаа своја одредба во која ги дерогира на база на тоа амнестира и ги запира постапките кон обвинетите за кои постојат позитивни решенија за амнестирање, е облигаторен во тие правни ставови и за оние за кои не е донесена амнестијата во делот на тие посочени дејствија за кои законодавецот сакал да даде милост и ги сметал за маргинални, а најбитно од се во овој дел е што во овој предмет егзистираат писмени мислења на колеги од Обвинителството за тие дејствија на извршување кај неколкумина од обвинетите постои обвинение за исти такви дејствија со додатно едно некаде и две други и милоста на законодавецот, правната обврска е сите да го почитуваат тој закон, даденото позитивно писмено мислење од Обвинителството за тие дејствија, водат до тоа да за тие дејствија нема дискусија бидејќи тоа го налагаат доказите и законот на било кој од другите обвинети му се стават како товар во една пресуда. Смета дека  не е можно амнестираните да стојат со дејствија на извршување, а притоа за нив да не се води постапка

и правната неможност за пресудата да биде така склопена, со една додавка која произлегува од завршниот збор на почитуваните колеги обвинители, а тоа е и пред се круцијалната теза на обвинителството што ќе ја цитира со нивните зборови за да воопшто и дојде до позиција истата да ја нападне и со други правно-облигаторни, правни средства или алатки, се со цел да ја одбрани неговата теза, дека судскиот совет не може да напише ослободителна пресуда. Основната теза на Обвиниелството за сторување на ова кривично дело е содржана во реченицата дадена од Обвинителот каде вели „доказите потврдија дека превземените дејствија од страна на обвинетите не претставуваат дејствие само за себе“. Ако така тврди Обвинителката, за да не се свати дека е извадена реченицата од контекст таа реченица, ја дава и реченицата која следи, но ова за него е признание дека посочените дејствија за секој од обвинетите онака како што граматички треба да се толкуваат како глагол не се позиционирани соодветно на она што е, што законодавецот го бара во членот 313 и тоа за среќа на обвинетите, го признава. Таа реченица продолжува и ја дава есенцијата на она што е тезата на Обвинителството за начинот на кое е сторено според нив ова кривично дело а тоа е: „Истите“, се мисли за ова што претходно го кажал „се поврзани и последователни од така како што било планирано, а со цел да се загрози уставниот поредок и безбедноста на Република М.“. Појаснува дека овие реченици ги сместил во овој дел на неговиот завршен збор бидејќи доаѓа до онаа позиција која можеби најмногу му ги врзува рацете на судот да донесе ослободителна пресуда, а тоа е аспектот на време на извршување на кривичното дело. Време на извршување кривично дело во овој акт е многу прецизно дадено за разлика од други акти каде што се дава еден екстезивен период почнувајќи од - до. Во овој акт онака како што е прецизиран, време на извршување е 27.04.2017 година од 14:30 до 22:30 часот, за време на одржување на конститутивната седница на Собранието на Република М.. Ако Обвинителството претендира дека начинот на сторување подразбира претходен план, подготвителни дејствија, кај некои од обвинетите мобилизација на други луѓе, претходни договарања, ниеден од тие поддржувачки елементи на ваквиот начин на наводно извршување на дејствија, не може судот да ги стави во пресуда, бидејќи временски не е опфатен. Пресудата и дејствијата се лимитирани со барањето на овластениот тужител да се однесуваат на дејствија во таа временска рамка и ништо повеќе. Наведе дека реченицата со време, намерно ја цитира и во делот на „за време на одржување на конститутивната седница на Собранието на РМ“, бидејќи иако и од доказите, а тоа е впрочем познато на сите во Р. М. е неспорно местото на извршување, во овој акт нема реченица кај што стои каде е направено делото, нема град иако е неспорно, ако се земе предвид дека се тврди во оној екстезивен дел на подготовки, мобилизации, планирања, некакви други места на извршувања, ова уште повеќе не дозволува да во една пресуда судот, без посока во јавната тужба, да имплементира место на извршување. Многу е фрапантно, но постојат пресуди на ЕСЧП во овој дел, а на тие пресуди и

судот е обврзан да ги применува директно со новиот Закон за судови. Значи, времето на извршување го лимитира, место на извршување, нема. Оваа позиција не се исправа со пресуда и судот нема можност одејќи на објективниот идентитет на обвинението со пресудата на кои тој како бранител, веќе се повикал. Напоменува дека иако од сите докази посебно од оние кои колегите од Обвинителство ги презентирале пред судот - собраниските камери, можеше точно да се утврди тука и за Јане Ченто и за Абдуљфета Алими, како негови штитеници, а се однесува и на останатите обвинети, напоменува дека тие освен двата телефонски разговори на Александар Василевски – Нинџа, првиот и еден кај Кољо во 18:45:58, нема прецизно време на извршување, а тоа според него за обвинетиот Абдуљфета Алими и те како е битно бидејќи како и за други обвинети и за него дејствија во описот на обвинителниот акт се врзани за други сообвинети или веќе амнестирани. Напомена дека во поглед на оние правни облигации на кои претендира да судот ги има пред себе, а тоа е дека во правниот промет на Република М. во поглед на некои од посочените дејствија на извршување постојат повеќе пресуди, тука напоменува дека мисли на пресудата за обидот за убиство за господинот С. во кои има утврдено, сеуште не е правосилна, фактичка положба, а овде иако се зборува за тоа, во опис на кривично дело нема обвинение за такво кривично дело за кое во правниот промет веќе има формирано мислење и пресуда. Истакнува и тоа дека треба да се има предвид можната, односно според него неможна употребна вредност на исказите на сообвинети, а сега амнестирани и можната позиција да за тие сообвинети нивните искази дадени како обвинети воопшто се користат во писмената пресуда која следи. Смета дека воопшто не е правна дилема, а тоа е дали постои правото, дали постои повреда на правото на одбрана на обвинетите која произлегува од прецизирањето на обвинителниот акт. Смета дека не постои прецизирање на обвинителен акт ниту како термин, ниту како правно дозволена можност да Обвинителството интервенира во сопствениот акт. Стариот ЗКП предвидуваше измени и дополнување, новиот е поинаку, но она што есенцијално е дали покрај превезот на такво прецизирање суштината е измена на актот. Наведе дека пред судовите во Република М. постојат две пресуди, едната е на Апелациониот суд во Ш., втората е на Апелациониот суд во С., за тоа дека доколку судот утврди, а во конкретниот случај тоа е факт дека кај Јане Ченто, кај Мунир Пепиќ и кај Игор Дурловски, постои додадено дејствие на извршување што суштински е измена на обвинителниот акт, што по таа измена на обвинителниот акт не им е дадено право да дадат своја одбрана од било кој аспект, почнувајќи од основното право признание на вина можеби до доставување на докази или макар елементарното произнесување по таквите наводи. И оваа повреда на правото на одбрана е елементарна и е опфатена со над 100 пресуди на ЕСЧП. Наведе и тоа дека обвинетиот Абдуљфета Алими ќе го брани со зборовите на Обвинителството, при тоа мисли пред се на фактот дека освен во генералии и правна квалификација каде е облигаторно да го има неговото име, во завршниот

збор, а не прецизираниот акт, неговото име е спомнато само еднаш и тоа кога обвинителката велејќи дека ќе почне со сумирање на доказите за секој од обвинетите поединечно, зборува за обвинетиот Горан Ѓошевски - Леви и она што му го става како терет на овој обвинет не е конкретно негово дејствие него вели: „додека пратениците ги отвараат влезните врати, Горан Ѓошевски Леви се мисли, не превзема никакви мерки за спречување на истите, воедно ја повикува и насочува толпата да влегува кон сала „М.“ заедно со обвинетиот Абдуљфета Алими“, целиот завршен збор за Абдуљфета Алими, напоменува дека тоа што тој го има како текст нема дејствие на извршување. Со ова сака само да му обрне внимание на советот, колку според Обвинителството, неговите дејствија на извршување, наводни, се conditio sine qua non, за да дојде до реализација на замислениот каузален синџир на дејствија онака како што претендира јавната тужба, односно просто кажано, дали и со она што во актот на кој ќе се наврати, му се става на товар на обвинетиот Абдуљфета Алими воопшто тој придонел и имал улога во тезата на Обвинителството онака како што го прикажуваат пред советот. Во текстот на описот на дејствија или петитумот на обвинителниот акт, за Абдуљфета Алими се дадени само 6 реда на страна 9 од овој записник, од 31.01., во кој е сместена есенцијата на противправноста и за која Обвинителството бара истиот да биде огласен за виновен. Наведе дека нема да ги цитира од причина што судот ќе ги прочита, но суштината е дека едната позиција е втората, дека заедно со Горан Ѓошевски - Леви, Оливер Поповски, овој обвинет Абдуљфета Алими ги насочувал луѓето кон просториите на Пленарната сала „М.“ и сала 3, Прес сала. Поаѓа од оваа позиција, а не од првата која му се става на товар, бидејќи од она што е во предметот, јасно е дека двете овие позиции ја елиминираат воопшто претпоставката дека Абдуљфета Алими било кого насочувал кон Прес сала 3 или кон Пленарната сала „М.“. Првата правна позиција е Законот за амнестија, каде што за насочување на толпа има милост од државата формулирана во закон и во егзистирачки решенија на овој суд каде за насочување на толпата се амнестирани Љубен Арнаудов, Јохан Тарчуловски, Љ. Д. и има уште некој, со позитивно мислење на Обвинителството дека секако ценејќи го Законот и почитувајќи го, Обвинителството го прават ова, дека за ова дејствие законот предвидел неказнивост. Втората позиција која го елиминира ова дејствие е снимката од собраниската камера во холот каде што се собраниските главни врати, впрочем за оваа позиција и Обвинителството тврди дека таму ги насочува. Напомена дека тој му предложил советот на претходната расправа, да низ неколку фотографии сегментирано или онака како што и колегите од Обвинителството тоа го имаат направено, тие по нивно убедување, а тој како бранител по свое убедување, да му долови на советот замрзнати фотофграфии од видеото со цел да го елиминира ова како можно дејствие на извршување. Ова не го направил заради тоа што на таа снимка обвинетиот Абдуљфета Алими е цели 4 секунди, но иако во тие цели 4 секунди на кои е на снимката, а друг доказ за околноста за наводното дејствие на насочување на толпата

не е изведен и предложен. Тоа дејствие граматички со глагол е позиционирано како „му ги дал клучевите од влезната врата на обвинетиот Горан Ѓошевски - Леви“. И ова е единствениот глагол, единственото дејствие на извршување кое за Абдуљфета Алими стои во обвинителниот акт, што значи дека од советот се бара да прифати вина за чл. 313 од КЗ со дејствие на извршување, давање на клучеви. Смета дека се е кажано во ова дејствие на извршување виза ви правната можност тоа да претставува дејствие на извршување. Впрочем, она што го цитирал од обвинителот што го прифатила и таа, тоа не се дејствија на извршување сами по себе. Она што е битно во овој сегмент на обвинението и тоа што го повика советот суптилно да ја гледа снимката е врзано во тврдењето на Обвинителството, односно за позицијата што во тој момент правеле сообвинетите за кои дејствието на давање на клучевите е врзано според обвинение во тој последователен синџир на дејствија како што вели обвинителството, со цел советот да осознае дека во тој момент кога Абдуљфета Алими, тоа е големиот дел на снимката, ги подава клучевите кон Горан Ѓошевски - Леви и клучевите паѓаат, десната врата е веќе отворена и толпата навлегува. Она што е битно за стек на умисла за овој обвинет, а што ни како збор не е спомнато, а да не зборува за интелектуална и волевата компонента на умислата е дека во текстуалниот дел, во описот на дејствија на сообвинети веќе амнестирани, Обвинителството сосема прецизно кажува кој и кога ја отворил вратата. Ако клучот кој е даден на Горан Ѓошевски - Леви е даден во момент кога вратата, десната од која не бил клучот, е отворена, ако масата луѓе веќе влегла во Собранието, ако е факт од описот на она што го кажува Обвинителството дека, а тоа се гледа многу јасно на снимката во делот пред на неа да се појави обвинетиот Абдуљфета Алими и тоа цели минута и 30 пред тој да се појави, дека во холот се Љупчо Димовски, еден друг пратеник кој не е обвинет и Јохан Тарчуловски, според обвинителството Горан Ѓошевски - Леви, според обвинителството Оливер Поповски, Љубен Арнаудов, Крсто Мукоски, Сашо Василев и тоа скоро две минути пред да дојде обвинетиот Абдуљфета Алими, потврдува дека ова што го зборува е текстот на обвинителниот акт и она што е веќе видено и слушнато на снимките, не е тоа негово видување и дека пречката од средната врата е тргната скоро 1 минута пред да дојде обвинетиот Абдуљфета, дури обвинителството тврди дека не можела да се отвори иако Сашо Василевски се обидел бидејќи била заклучена. Она што е факт од снимките, онаа снимка која го дава времето на отварање на вратите, ама и онаа снимка која го дава излегувањето на масата под притисок на полицијата на крајот од настанот, е фактот дека средната врата од која биле клучевите никогаш не е отворена. Кога правел увид во предметот имало и еден фотоалбум каде што точно во тој дел има замрзнати слики од тоа, впрочем и Обвинителството во својот акт тврди дека бидејќи била таа врата заклучена, амнестираните пратеници Василевски и М., а тоа се гледа многу јасно на снимката, се движат и ја отвараат десната врата, тука се доаѓа до соголување на овие позции на давање на клучеви и на

насочување на толпата, до онаа позиција која и не ја даде можноста, бидејќи е вметната во Законот за амнестија, да овој обвинет биде амнестиран, а тоа е дека обвинетиот Абдуљфета Алими постапил спротивно на своите службени овластувања и задачи, односно со несторување  и непреземање дејствија го сторил делото од 313. Смета дека Обвинителството ако веќе претендира дека некој постапил спротивно на своите службени овластувња и задачи, треба да даде позиција од аспект на закон, правилник или било кој подзаконски акт, дека тоа го направил и дека тоа несторување иако не е начин на извршување на делото од 313, барем да го покријат со правна обврска. Истакна дека во предлог на листа на докази го дал решението за Абдуљфета Алими со кое е примен на работа во Собранието на РМ и дека е Виш оперативен работник. Напомена дека во советот има членови на кои им е позната хиерархијата и позицијата на вишиот оперативен работник при позиција на 20 други членови на собраниското обезбедување тој ден во Собрание и непосредно претпоставени на овој Виш оперативен работник и тоа е единственото нешто што го кажува одбраната како негов предлог. При вакви позиции и статус на вишиот оперативен работник Абдуљфета Алими, Обвинителството ова го врзува со една многу симпатична реченица во која открива како тоа другите оперативни работници и членови на собраниско обезбедување се однесувале и го врзува неговото наводно неизвршување на задачите и овластувањата со В., за кој мисли дека се презива С., круцијалниот сведок на Обвинителството, кој има наведено неколку позиции од отворањето на вратата, па натаму, за кој Обвинителството повика да му се верува и тој како бранител целосно му верува и токму низ исказот на овој круцијален сведок, одбраната ќе го води советот низ настанот и од него советот да слушне што направил Абдуљфета Алими. Притоа побара  од советот да има во предвид дека освен В. С. и Абдуљфета Алими, тука се, апстрахира од позицијата на Горан Ѓошевски - Леви кој не е директно во собраниското обезбедување од аспект на Абдуљфета Алими за да види  советот, дека тој ден оперативниот работник Абдуљфета Алими кој по тврдење на Обвинителството, не познава никој за кој Обвинителството не кажува никакви припремни, подготвителни или планирање и договарање дејствија, бил на работа, ова од аспект на неговата умисла само и само бидејќи тој ден така му била одредена смената за работа, а на одредувањето на смена тој не можел ни да влијае. За тоа дека не почитувал задачи службени и овластувања, смета за потребно дека треба советот да знае и тоа дека ниеден друг од 20 членови на собраниско обезбедување во таа смена нема преземено ништо повеќе, напротив, сите имаат преземено помалку од овој обвинет и тоа според кажувањата на В. С.. Според кажувањата на В. С., тој е заедно со обвинетиот Абдуљафета Алими пред толпата да влезе во Собранието и се наоѓаат според него пред кабинетот на Претседателот на Собранието, а тоа според завршниот збор на ОЈО, во тој момент е Т. В., каде од него добиваат наредба со следните зборови „на мене и на колегата Абдуљфета ми кажа да не

пуштаме никого внатре“ и тие застанале со колегата Абдуљфета, стоеле пред кабинетот. Сведокот понатаму потврдува дека Абдуљфета Алими, вишиот оперативен работник е човекот кој началникот А. Ј., негов директен претпоставен му дава наредба „добивме насоки да оружјето формациско што е да го пренесеме горе во кабинетот пошто не е безбедно доле, би можел некој да дојде и да го земе и да го употреби против некого“ и вели „Абдуљфета Алими се качи горе“ поточно вели „се качи колегата Абдуљфета Алими“ а потоа сведокот вели: „Формациското оружје го донесе Абдуљфета Алими бидејќи тој беше задолжен со него и го остави во сеф, значи горе во кабинетот да биде на сигурно“. Во тој момент вишиот оперативен работник Абдуљфета Алими, единствениот Албанец меѓу Македонците во Собрание, поседува два клуча и тоа едниот од формациско оружје кое може да биде употребено доколку тоа е дел од нечиј план и доколку тој има таква умисла, а другиот клуч е од вратата која не е отворена, никогаш тој ден. Овој сведок за наводното насочување на толпата, оние 4 секунди за кои зборува претходно, земајќи предвид дека тој во тој момент откако не можел да ги спречи како што тврди Обвинителството, Сашо Василевски и Крсто Мукоски пратениците во нивната намера и во отворањето на вратите се повлекува заедно со Абдуљфета Алими према кабинетот и тој во тој момент на снимката го гледа директно Абдуљфета и не посочи дека имало насочувачки, повикувачки дејствија од овој обвинет. Воедно истакна дека сведокот во својот исказ меѓу останатото навел „значи ги извадивме машните и од нас за да не бидеме задавени со самите машни“, ова се однесува на Абдулфета Алими, „при што му укажав на колегата Абдулфета Алими дури и беџот од него да го извади, да го тргне беџот“, а ова му го кажал Абдулфета со цел да се заштити, бидејќи увиделе дека е Албанец од неговото име и презиме напишано на беџот. Ако се тврди и се бара пресуда осудителна за овој обвинет и се тврди дека имал умисла да направи вакво дело, како тоа се криел по налог на колегата кој ги извршувал своите задачи за да сообвинетите не го натепаат. Овој сведок понатаму тврди дека Абдулфета Алими е припадникот на собраниско обезбедување, а ова го има и на камерите од Прес сала во ходникот пред Прес сала 3 е лицето кое единствено од сите припадници на собраниско обезбедување кои во тој момент во тој ходник ги има повеќе од 7 бидејќи се движат и одбраната не може да ги изброи, кој му помогнал на паднатиот началник А. Ј., а од снимките се гледа дека во моментот кога А.Ј. паѓа, прв кој дотрчува до него, го подига, му дава вода и стои до него во наредните 2-3 минути кога сеуште постои натегање и превирање во самиот ходник околу А. Ј. тој е единствениот, иако има повеќе од 7-8 припадници на собраниското обезбедување. Истакна дека од снимките се гледа дека во Прес салата во моментот кога е повреден пратеникот К., пред него, со грбот свртен кон пратениците, на еден метар од тогаш пратеникот З.З. и останатите пратеници, со лицето свртен накај масата луѓе кои напаѓат во еден момент, стои вишиот оперативен работник Абдуљфета Алими и никој друг од собраниско обезбедување. Во тој момент Абдуљфета Алими се

врти кон господинот Кирацовски, на очиглед на  сите напаѓачи, му дава вода да се избрише од повредата на носот која е очигледна на снимките, му помага и пак се врти со лицето кон масата народ и го прави она што можеби настрана од тоа што никој од собраниското обезбедување не го направил во тој момент, тоа што му била задачата. Сублимат на се кажаното, не постои ниеден член на собраниско обезбедување кој до овој момент направил било што повеќе во остварување на своите задачи и службени овластувања од вишиот оперативен работник, сега обвинетиот Абдуљфета Алими. Како круна на се е позицијата на спасување на најмногу оштетениот во оваа постапка, пратеникот З.С.. Наведе дека и овде сведокот В. С. кажува што правел обвинетиот Абдуљфета Алими. Од позиција кога сведокот В.С. бил во ходникот таканаречен „Винар“ тој тврди „во тој момент го видов колегата Алими Абдуљфета и му кажав да дојде, да влезе внатре и да го чува пратеникот З. С.“. Бранителот наведе дека за тој дел најемотивно и најуверливо има сознанија од исказот на пратеникот С., кој не би го цитирал и не би го истакнувал давањето на гаранцијата, неговата куќа како гаранција за овој обвинет, но во контекст на сите претходно наведени дејствија ова како круна, а можеби од историска димензија и најбитната позиција во настаните на 27.04., позицијата што никој не загинал, за што лично е многу среќен, импликациите од таквата можност, а земајќи предвид дека учествувал во предметот и бранел за обидот за убиство на господинот С., Абдуљфета Алими во тој предмет бил повикан од Јавното обвинителство како сведок и на неговиот исказ се базира пресудата во еден добар дел и таму Обвинителството ги повикало да му веруваат на Абдуљфета Алими и на тој исказ се базирала пресудата до овој момент осудителна. Тоа била позицијата врзана за овој обвинет. Смета дека мора да го каже тоа впрочем иако не е на записник, оној дел од завршниот збор на Обвинителството кога било спомнато дека доколку овој обвинет кажал што и кој му ги наредил или барал клучевите можел да биде ставен во сегментот на амнестирање. По првата негова средба со Абдуљфета Алими го прашал токму тоа, како опција за него како бранител да постави одбрана која можеби ќе води до поинаква правна ситуација и еве, со тој Закон за амнестија водел, не го знаеле во тој момент, но тој кажал дека за тоа нема да зборува бидејќи тој е Виш оперативен работник, со почит кон колегите со кои ги извршувал задачите и не сакал да биде просто кажано предавник, единствениот Албанец меѓу Македонците на 27.04., пет илјади Македонци, еден Албанец и Обвинителството тврди дека тој со нив имал заедничка умисла.

Во завршен збор бранителот на обвинетиот Игор Дурловски, адвокат Еленко Миланов наведе дека со оглед да веќе дал завршен збор во однос на обвинетиот Мунир Пепиќ, во завршниот збор кој што ќе го даде за обвинетиот Игор Дурловски нема да ги повторува општите укажувања кои се однесувале на самиот диспозитив на обвинителниот акт, Законот за амнестија, правната квалификација и процесните пречки кои се

однесувале генерално на овој предмет. Со прецизираниот и изменет обвинителен акт во однос на обвинетиот Игор Дурловски останала една општа формулација каде се тврди дека тој заедно со некои лица во однос на кои е применет Законот за амнестија, држеле говори со кои се бодрело за насилство. За да ниту првобитниот диспозитив на обвинението, ниту сегашниот, не навел апсолутно ниту еден говор, ниту еден збор кој што на 27.04. или било кога како говор со бодрење на насилство не се спомене во однос на обвинетиот Игор Дурловски. Во таа насока ниту бил презентиран било каков доказ во кој би се посочило било каков говор или било каква изјава на Игор Дурловски со која би можело да влезе во овој дел на описот од обвинителниот акт. И со прецизираниот или вториот обвинителен акт за Игор Дурловски бил внесен дел во кој се тврди дека истиот кон пратеникот К. Д., сведок во оваа постапка, посочил некои граѓани и ги упатил кон него, но дека од тие граѓани истиот ниту бил нападнат ниту бил повреден. Ваквото дополнување на обвинението исто така претставувало дел од обвинение кое што сметаат дека е недозволено бидејќи во однос на ваквото обвинение и немале можност ниту да се произнесуваат, ниту евентуално да посочуваат докази. Без оглед на ова, сигурен е дека од содржината на понудените докази на Обвинителството кое и би требало да докаже нечија вина, не можат да произлезат ниту вакви дејствија во однос на обвинетиот Игор Дурловски, па самото Обвинителство во образложението на својот завршен збор кога го анализирало исказот на сведокот К. Д. наведено е дека К. Д. мисли дека посочил кон него и насочил лица. К. Д., според негово мислење, три лица биле посочени кон него од Игор Дурловски на просторот во холот помеѓу сала 3, Прес сала и сала 4. Иако во својот завршен збор даден од Обвинителството се наведува дека било тоа мислење или тој би го превел во рамки на законските прифатени искажувања претпоставка на овој сведок, сепак во диспозитивот на обвинителниот акт кој бил прецизиран Обвинителството тоа не го става како мислење и несигурност, туку како факт, а дека тоа не може да биде така смета дека произлегло од самиот исказ на сведокот К. Д.. Кога го дава својот исказ К. Д. повторно навел дека мисли дека он ги посочувал луѓето, за да продолжи во смисла дека не е сигурен, според негово мислење мисли дека и кај него испратил луѓе со зборовите „и овој е еден од нив“, но не бил сигурен меѓутоа така изгледало, бидејќи мисли дека него никој не го знаел. Но бил јасен и дециден дека двајцата не се познаваат, па останува нејасно од каде идејата и желбата на Игор Дурловски да било кого посочува и тоа кон К. Д. кого не го познава, кого го видел овде во судницата, а тој за првпат ликот на К. Д. го видел во судницата, бидејќи не го видел ниту на говорницата во Собранието. Истакна дека овој сведок и немал повреди да може да се третира во склоп на терористичко загрозување на уставен поредок и безбедност. Воедно наведе дека биле презентирани видео снимки од Прес, од холот пред Прес сала 3 и сала 4, од две различни камери, од два различни агли, секоја во траење од околу два часа и на тоа место каде што К. Д. мислел дека го видел Игор Дурловски, не се видел

никој од судската сала, таму го немало Игор Дурловски, па дури не го посочил ниту Обвинителството дека се наоѓа во тој простор, па ако се направи анализа на овие два докази јасно ќе се утврди дека овие дејствија за кои имаат несигурност од еден сведок дека воопшто се превземени и се случиле. Од друга страна има материјален доказ од видео надзорот дека Игор Дурловски за време на овие настани во ниту еден момент не се наоѓал во холот кој се наоѓа пред салите 3 и 4. Наведе дека не е спорен фактот дека на 27.04. Игор Дурловски се наоѓал во Собранието каде што имало од 1.500 до 3.000 граѓани на Република М., но самото присуство на тој простор не можело да значи дејствие и учество во сторување на вакво кривично дело. Од видео надзорот се виде дека Игор Дурловски во просторот на Собранието за првпат влегува дури половина час откако граѓаните веќе се наоѓале таму. Се виде дека Игор Дурловски е присутен само во Пленарната сала, ниту од некој доказ, ниту пак со основниот или прецизираниот обвинителен акт се тврди дека во Пленарната сала имало било какво насилство. Од оној дел од Пленарната сала каде може да се забележи присуството на Игор Дурловски немало негов говор, немало посочување, насочување или повикување или како обвинението тврди бодрење за насилство. Смета дека во однос на Игор Дурловски за кој што нема никаков доказ во опширната истрага, Обвинителството врз основа на еден несигурен исказ даден пред судот сака да го остави во овој предмет, а како што во завршниот збор наведе затоа што не побарал амнестија, но со овие факти зошто Игор Дурловски имал потреба да бара примена на Законот за амнестија, дури и она што не стои во обвинението како дејствие на сторување, но тој би го употребил изразот од Обвинителството, со емоции кој Обвинителката го нарекла нејзина горчина, сакала да употреби исказ на еден обвинет, дека Игор Дурловски не бил таму како граѓанин на оваа држава, дека не бил да ја пее химната, туку Игор Дурловски кој како уметник познат на сите нас во светски рамки, а со тоа и приходот од таа уметност, ова го чинел за парична противвредност. Според него навистина горчината излегла премногу силно и отишла кога се зборува за Игор Дурловски премногу далеку. Предложи судот во однос на Игор Дурловски врз основа на тие штури и никакви докази кои ги понудило Обвинителството, утврди дека нема основи за утврдување на вина и по тој основ не постојат дејствија на сторување на конкретното кривично дело, со што би донел ослободителна пресуда.

Бранителот на обвинетиот Младен Додевски, адвокат Маја Дојчиновска во завршен збор наведе дека одбраната на обвинетиот Младен Додевски за својот став во однос на диспозитивот на обвинението, правната квалификација на делото и доказната сила на доказите на Обвинителството веќе опширно се произнела во излагање на завршниот збор за нивниот штитеник, обвинетиот Оливер Радулов и остануваат кон истите наводи се со цел да не се повторуваат. Наведе дека во

продолжение ќе се осврне на доказниот материјал и дејствијата на извршување кои му се ставаат на товар на обвинетиот Младен Додевски кој се товари дека бил телефонски контактиран од страна на обвинетите Алексадар Василевски и Никола Митревски со цел мобилизирање на членството од С. и други градови за насилен упад во Собранието на РМ, при што како главно дејствије на извршување се смета дека заедно со дел од останатите обвинети со употреба на физичка сила, влечење, одстраниле еден од овластените службени лица од единицата ЕБР, поставени пред влезните врати од Собранието. Но, обвинетиот Младен Додевски бил сосема обичен граѓанин, семеен човек, на кој му се ставало за зло што влегол во Собранието на РМ и што носел фантомка на главата. Наведе дека обвинетиот Младен Додевски не бега од одговорноста за неправото што го сторил, фактот што неовластено влегол критичниот ден во Собранието, како и фактот што го прикрил својот идентитет од негови лични причини. За него било неспорно и доколку овие дејствија исполнат битие на конкретно кривично дело, истиот неспорно би прифатил да одговара за тоа што го сторил. Но, да одговара за кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста во ситуација кога истиот како и илјадници други лица во еуфорична атмосфера и со зовриени емоции влегол во Собранието и не превзел никакво дејствие кое самото по себе претставува кривично дело било надвор од секое разумно уверување. Наведе дека одбраната легитимно поставува прашања и тоа по што обвинетиот Младен Додевски во своите дејствија се разликувал од било кој граѓанин, човек, жена, старец влезен во Собранието на критичниот ден, освен по маската на своето лице, дали сите лица со маски во Собранието одговарале за сторен тероризам, што конкретно Младен Додевски сторил за да ја отслика неговата намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република М.. Истакна дека на критичниот ден обвинетиот Младен влегол во Собранието на РМ заедно со толпата народ откако вратите биле отворени и притоа не превземал никакво насилно дејствије, агресија, удар кон полициски службеник и секој евентуален контакт со такво лице бил случаен и ненамерен имајќи ја предвид хаотичната ситуација, големата маса народ, турканицата на луѓето од сите страни, но обвинетиот Младен во никој случај не дејствувал директно и самоиницијативно кон припадник на полициските сили, на никого не му задал удар, нити го повредил. Наведе дека од изведените докази, односно снимки судот може да утврди дека обвинетиот Младен Додевски во Собранието на РМ не бил дојден со намера некого да повреди и нешто да оштетети, туку како поголем дел од толпата некоординирано се движел низ Собранието и не превземал ниту едно насилно, инкриминирачко дејствие, а аргумент повеќе за тоа бил дека истиот не ни влегол во Прес Салата, Сала 3 иако вратите биле отворени и внатре се случувало насилство и токму тогаш Младен си заминал надвор од Собранието, а поточно истиот го напуштил Собранието во 19:30 часот пред повеќето насилни акти воопшто да се случат. Истиот, ниту имал физички контакт, ниту пак употребил физичка

сила против полициски службеник пред Прес салата на Собранието на РМ, а особено ако се имало предвид дека истиот во мешаницата пред Прес салата се наоѓал меѓу толпата и тоа некаде на средината од истата, но истиот немал физички контакт и воедно бил туркан од останатите лица, односно граѓани кои се наоѓале во толпата народ, но ни во овој случај не се однесувал насилно, ниту кон другите граѓани, а најмалку кон службено лице. Во однос на фактот дека обвинетиот Младен Додевски, предметниот ден имал комуникација со Александар Василевски и Никола Митревски, Обвинителството не докажало ништо во врска со предметниот правно кривичен настан со оглед дека истите биле долгогодишни пријатели, живееле во иста населба и нивната комуникација токму тој ден не била воопшто симптоматична со оглед дека истите и други денови често комуницирале помеѓу себе на дневна основа за вообичаени работи, а кое нешто впрочем судот може да го утврди од изведениот доказ со листинзи од телефонската комуникација на обвинетиот Младен Додевски во период пред критичниот ден 27.04. Наведе дека силни биле аргументите на Обвинителството против обвинетиот Младен Додевски исто колку и завршните зборови на Обвинителството против овој обвинет, срочени во едвај две реченици што доволно говорело во убеденоста на самиот Обвинител, дека овој обвинет сторил вакво кривично дело. Истакна дека дури и без оваа постапка, животот на Младен Додевски бил суров и не го поштедил кога рано останал без еден родител, а уште од млади години, па се до ден денес морал да се грижи сам за својата стара и болна мајка, а сега како татко на предвреме родено дете не бил во состојба да се грижи за своето семејство, токму поради прогонот на Обвинителството против него. Со оглед дека Обвинителството и по мноштвото изведени докази не успеало да докаже дека обвинетиот Младен Додевски надвор од секакво разумно сомнение го сторил токму ова кривично дело кое му се става на товар, предлага судот да донесе ослободителна пресуда за обвинетиот Младен Додевски.

Бранителот на обвинетиот Јане Ченто, адвокат Донче Наков во завршен збор наведе дека никогаш не сакал политика, ниту е склон кон политика, но овој политички момент го врзува за нешто што не така одамна се случило во Република М. и нема да го каже тоа со цел да добие симпатии кај судот, а Јане Ченто уште помалку, туку ќе го каже со цел за судот да ја има пред себе позицијата на тој политички момент и неговите импликации и законски и актуелни на овој процес. Истакна дека П. М., К. Ч., Л. М. биле фантастични правници и во периодот по втората светска војна до раните 80-ти, биле најдоброто во М. од аспект на право и политика. Б.П. исто така бил на сите општествени функции и оние кои се постари од 50 години го памтат, а секако и колегата Б. П., адвокат од С., кои биле неспорни величини со огромна тежина во правниот свет на Република М.. На 23 ноември 1946 година судскиот совет во состав на П. М., Л. М., К. Ч. донел осудителна пресуда против М. А,  Б. П. бил Обвинител во тој случај и тие

еминентни правници на кои тој ја видел сликата на еден од нив кога бил во Врховниот суд, П. М. во една историска димензија при постоење на тогаш политички закон, на тогаш креиран политички закон актуелен во тој момент во Република М. која била во состав на ФНРЈ, со сиот свој правен, неспорен, интелектуален капацитет на база на тој политички закон кој исто така со многу малку членови како Законот за амнестија и кој се викал Закон за кривични дела против народот и државата, донеле осудителна пресуда. Наведе дека паралелата е и во таа пресуда, нема време и место на извршување на делото, но она што било најбитно е дека таа пресуда имала свои правни реперкусии во правниот промет дури и половина век подоцна. Пресудата се базирала на тој закон членовите 3, 6 и 12 и како правна последица имала бришење на Чентовото име од официјалните документи на АСНОМ. Обвинетиот Методија Андонов Ченто бил осуден на база на политички закон дека не се сложувал со политиката на ФНРЈ, внатрешна и надворешна, која по негово мнение била спротивна на интересите на македонскиот народ и М. не требало да биде во склоп на ФНРЈ. Во вториот дел се зборува во идно време во таа пресуда што било фрапантно во тој момент за него, а и сега уште повеќе, за да ги примени во тој дел своите противнародни и противдржавни ставови и тоа на мировната конференција во Париз, тој сакал М. да се отцепи од тогашната ФНРЈ. Педесет години подоцна од таа пресуда на тие правници на кои тој и денес смета дека од аспект на адвокати и правници наведе дека може само да им се диви, таа пресуда не егзистира во правниот промет на Република М.. Методија Анонов Ченто бил вратен на плоштадот во Град С. и негова биста на која сите положуваат цвеќе. Методија Андонов Ченто бил вратен на споменикот на Президиумот на АСНОМ кој се наоѓал точно спроти македонското Собрание, вратен бил во историјата и во документите од АСНОМ и тоа на најсветлите страници на македонската историја, 50 години подоцна РМ со референдум и со голема прослава се отцепил од тогашната држава Југославија со прослава на плоштад, каде што целиот македонски народ го прокламирал ставот на Методија Андонов Ченто од 1946-та година. Наведе дека за жал државата не се вика Република М., тоа било негово мислење и преамбулата на АСНОМ која била основата на македонскиот Устав е сменета. Тоа биле политичките историски димензии на една пресуда, не така одамна. 73 години по таа пресуда, има обвинение и очекувања да се донесе пресуда против Јане Ченто, внук на Методија Андонов Ченто. Смета дека имајќи ги предвид сите историски искуства, не треба да се чека да после 50 години има некакви други пресуди, одлуки, лустрации, рехабилитации. Наведе дека Јане Ченто сака да одговара за она што го направил тој ден и не бега од тоа, но конструкцијата на обвинителниот акт со сето она што го кажал за време, место, а врзано за дејствијата на Јане Ченто за наводна мобилизација, на наводно носење пиштол на сите други јавувања со господинот Чавков, Нинџа, Кољо и другите сообвинети, не произлегувајќи од изведените докази, му дава за право да побара ослободителна пресуда за тие дејствија. Во делот на правниот увод освен она што го кажал кога

го давал уводот за Абдуљфета Алими, ќе додаде на она што кај овој обвинет прилично суптилно Обвинителството се обидува да го протне како доказ наспроти одредбата од чл. 400 од ЗКП, а тоа е изјавата на заштитениот сведок С1. Го замоли судот да не го чита записникот од тој исказ, туку да го види ЦД-то во делот, да го слушне гласот, интонацијата и пред се начинот на обраќањето на тој сведок кон судот, а и во еден дел кон него како бранител. Согласно одредбите на ЗКП, доколку изјавата на тој сведок најде поткрепа во било каков друг доказ материјален или вербален, истиот не може да биде основ да на база на тој исказ се донесе пресуда, тоа била правната димензија. Фактичката димензија во овој обвинителен акт при сите позиции кога Обвинителството се повикува на изјава на овој сведок била следна: во делот на наводни разговори по Вибер, тоа Вибер е нагласено бидејќи наводно не можеле да го обезбедат тој доказ, нема материјален доказ дека таква комуникација постои. Она што сака исклучително да го нагласи е дека овој сведок во времето од 14 часот и 30 минути до 22 часот и 30 минути, време кое според Обвинителството е време на извршување на кривичното дело, не бил во Собранието на РМ, не бил со Јане Ченто заедно и сите негови изјави за било кои околности врзани за Јане Ченто по кажувањето на самиот сведок се работи кои сведокот ги слушнал од обвинетиот Јане Ченто. За ниедна околност од оние за кои Обвинителството посочува во актот и во завршните зборови, овој сведок немал свое лично непосредно сознание, односно настаните за кои зборувал лично не ги видел и лично не ги чул. Наведе дека постои обид да во еден друг дел изјавата на овој сведок добие своја употребна вредност преку наводно потврдување на тие искази од искази на сослушани обвинети, но смета дека и тој обид правно не може да добие своја консеквенца во пресудата бидејќи сите тие изјави на обвинети, не смеат да бидат употребени бидејќи се изјави на обвинети, кои се амнестирани и за кои постапката е запрена се изјави на обвинети кои можат и да не ја кажуваат вистината како нивно законско право. Очигледно било дека сите тие изјави, поточно оние кои ги дале им донеле одреден бенефит и денес не се во судница, но правниот факт кој него го интересира е тој дека нивните изјави по закон не смеат да се користат при носење на пресудата. Додаде дека веќе го спомнал барањето на одбраната, а колку што знае и на самиот Јане Ченто ќе биде таква е дека единствената мала врата која е отворена преку одредбата на чл.398 ст.2, судот ја има пред себе како правна можност при носење на својата одлука во овој дел за кој и Јане Ченто ќе се произнесе со свој став во врска со тоа што навистина сторил, а дали и тоа што го сторил одговара на параметрите од чл.313 или не, тоа судот ќе одлучи. Од прецизираниот обвинителен акт, оној кој тој го смета за изменет обвинителен акт, врз основа на докази доставени во доказна постапка на 12.12.2018 година, а изведени и на 14.12, докази кои за овој обвинет по она што го кажало Обвинителство и навело во обвинителниот акт со кои му ставаат на товар дека го удрил пратеникот З. С. со црвен чадор, треба да се има предвид дека тие докази бидејќи се работи за вештачење на мобилен телефон на

обвинетиот Оливер Поповски и таа снимка е земена од токму тој телефон, Обвинителство ги имало уште пред поднесување на обвинителниот акт. Истакна дека во тој дел на додадено дејствие на извршување обвинетиот Јане Ченто не бил во можност да даде своја одбрана. Наведе дека пресудите и европското законодавство се облигаторни за примена во Република М., што како потпишани на европски конвенции ратифицирани, што како пресуди кои согласно Законот за судовите мора да се применуваат. Тоа што сака да го нагласи е дека Јане Ченто е спремен да одговара за тоа што го сторил, но не и за тоа што не го сторил.

Бранителот на обвинетиот Горанче Анѓеловски, адвокат Драган Пешевски во завршен збор наведе дека во неговите завршни зборови ќе проба да направи кратка анализа на овој тежок процес и оваа тешка постапка низ која што сите присутни тука поминале, а воедно истакна дека завршниот збор ќе го подели како во учебник на општ и на посебен дел. Општ кој што се однесува општо на овој предмет на делото кое им се става на товар на овие обвинети и посебен дел кој ќе се однесува директно на обвинетиот Горанче Анѓеловски. Истакна дека пред се ќе започне од самиот почеток на оваа постапка или од моментот како Обвинителството започнало, како го продолжило и како го финиширало овој предмет кој се однесува на настаните за 27.04., а посебно ќе се задржи на правната квалификација. Притоа наведе дека „срећниците" за овие настани, првообвинетите, веројатно и сосема оправдано биле обвинети за кривично дело Учество во толпа која ќе стори кривично дело, понатаму се продолжи со квалификација Спречување на службено лице во вршење на службено дејствие за што неговиот штитеник првично и бил обвинет, за да продолжи со кривично дело Насилство, па потоа Убиство и на крај големото финале Терористичко загрозување на уставниот поредок на Република М.. Како еден кривично-правен настан Обвинителството го расцепи на пет различни квалификации, пет различни кривични дела за него, останало нејасно. Ова посебно поткрепено и со фактот што се наѕира и шеста правна квалификација по чл.324 од КЗ што е апсолутно недозволиво, небитно за овој суд е баш на големо финале кое што претходно го спомнал. Во конкретниот случај има обвинение по чл.313 кое влегува во категоријата на кривични дела против државата, а поточно подразбира намера и директна умисла да се загрози уставниот поредок или безбедноста на Република М. со извршување на дејствие кое што подразбира експлозија, пожар, поплава, акт на насилство, а со кое нешто ќе се створи чувство на страв и несигурност, а сторителот ќе биде казнет со казна затвор од најмалку 10 години. Со обвинението погоре споменатите дејствија се превземени на начин што обвинетите со директна намера да го загрозат уставниот поредок сакале да спречат избор на Претседател на Собранието, предизвикале акт на насилство и го загрозиле животот на пратеници и новинари со извршување на повеќе поврзани дејствија и тоа мобилизирање на членството на патриотските здруженија меѓу кои и „Ќосето" и инструирање на група со маски за насилен влез во Собранието, држење на потпалувачки говори,

отстранување на безбедносните механизми од вратите на Собранието и неактивирање на полициски служби. Нагласи дека избор на Претседател на Собранието не е спречен, тоа е повеќе од јасно, бидејќи избор е направен. По неговиот избор е свикана и прес конференција за истото и тоа е неспорно. Дали постапката за избор на овој претседател ја запазило потребната форма или не, не е предмет на оваа постапка, но можеби ќе биде предмет на друга постапка. Наведе дека самото Обвинителство вели: „кога се одржувала прес конференција по изборот на пратеникот Т. Џ. за Претседател на Собранието на Република М.“, а понатаму, Обвинителството тврди дека масата народ не знаела дека избор е направен, а иницијалната капсула била пеењето на албанската химна. Ако се прифати ова како точно, како Обвинителството тврди дека намерата била спречување на избор на претседател, ако масата ова воопшто и не го знаела. Од друга страна, нагласи дека влезот во Собрание е направен по затварање на конститутивната седница, односно откако и официјално Собранието завршило со работа или попросто кажано во моментот на влез на масата во Собрание, Собранието не работи, а апропо тоа не може да биде загрозен уставниот поредок. Уставниот ред и поредок на РМ е содржан во Уставот на РМ кој е највисок правен акт и тоа во делот на темелните вредности на уставниот поредок. Ако судот внимателно ги анализира сите овие одделно ќе види дека ниедно од тие вредности не е нарушено. Продолжи со дејствието мобилизирање на членството на патриотските здруженија, поконкретно за здружението „Ќосето“ од В., при што истакна дека здружението е формирано пред повеќе од две години, регистрирано по сите позитивни прописи во тој период и истото брои над 200 членови. Од тие над 200 членови, на 27.04. во Собрание се присутни само неговиот штитеник и сега амнестираниот Илија Славевски. Која е таа мобилизација ако станува збор за помалце од 1 процент од членството. Истакна дека ова е неточно тврдење, паушално наведено, само за да обвинението во недостаток на докази добие некаква тежина и докаже некаква каузална врска на целиот настан. Таа каузална врска, односно точките на врзување на делувањето на сите обвинети, Обвинителството пробало да ги инсинуира, да ги претпоставува, но никако не успеало да ги докаже, па побара Обвинителството да ја докаже поврзаноста на неговиот штитеник со обвинетиот Игор Дурловски, или со амнестираниот Сашо Василевски, при што нагласи дека поврзаноста е никаква, не само за неговиот штитеник туку и за сите обвинети, никаква поврзаност помеѓу никој и помеѓу ништо. Наведе дека во завршните зборови Обвинителката строго го нападна Законот за амнестија нагласувајќи дека за жал дел од лицата кои го умислиле овој настан не се во оваа постапка, но обвинителството на кое што обвинителката во овој предмет е шефица ги дала мислењата кои што биле прифатени од Кривичниот совет, кој е доволно достоен да добие амнестија, а кој таква цена на политичкиот пазар нема и за жал, ова е срамната вистина што се провлекува во овој предмет. Нагласи дека и да се остави позитивното право на страна, законите на страна, легалноста на сите овие постапки на страна, а тука

нагласи дека и она што го правела Национално-фашистичката партија на Г. пред Втората светска војна било во согласност со закони и со позитивни прописи. Од судот нагласи дека ќе бара правда и искрено се надева дека ќе ја добие. Уште во неговите воведни зборови истакнал дека во овој тежок предмет товарот на докажување ќе го остави на страна на Обвинителството. Тој товар очигледно бил претежок за нив, ништо не докажале, а се виделе куп претпоставки, инсинуации, небулози, но докази не. Потенцира дека во судница одлука се носи врз база на факти и докази, претпоставките се оставаат надвор, позади вратата на судницата. Смета дека обвинението е толку прецизирано и во него се нагласува, на пример дека обвинетиот Јане Ченто, се наоѓа во куќен притвор, а во ова прецизирано обвинение името на неговиот штитеник се споменува повеќе пати и тоа прво на страна 8 се напоменува дека обвинетиот Александар Василевски-Нинџа собрал група од 68 лица на кои обвинетиот Горанче Анѓеловски им делел маски фантомки за да го прикријат ликот. Ова за него е спорно затоа што Обвинителството не само што нема ниту материјален ниту вербален доказ за истово, туку напротив им поклонил верба на исказите на амнестираните браќа Младеноски и Захарие Симовски како и на исказот на обвинетиот Александар Василевски. Освен тоа наведува дека овие искази на кои што се темели обвинението, произлегува дека Горанче не е оној кој што ги дели маските. Наведува дека од сите снимки кои што беа презентирани во оваа постапка обвинетиот Горанче Анѓеловски воопшто не влегол во Прес салата, ниту се буткал со било кого пред неа, напротив пред Прес салата воопшто и не се појавува. Истакна дека на страна 11 од обвинението се споменува дека Оливер Радулов и Сашо Марковски заедно со обвинетиот Горанче Анѓеловски и Оливер Поповски се упатиле кон кабинет број 3 од каде Оливер и Сашо одзеле два хард диска со цел да ги прикријат трагите, но Горанче не се споменува. Не навлегувајќи што истите одзеле од кабинетот 3 и од која причина го одзеле, напоменува дека Горанче таму нема влезено, нити пак знаел што таму прават, а тоа според него е јасно и се гледа од снимките. При тоа се повика на исказот на обвинетиот Александар Василевски кој јасно и недвосмислено кажал дека кога седел пред споменикот Прометеј, лице со презиме Б., вработено во ДБК, му побарало двајца кои не се од С. по што истиот го посочил Горанче, кој што кажа дека претходно не го познава, а потоа, лицето од ДБК му се легитимирало и му дало задача на истиот како службено лице, па наведе дека кога овластено службено лице се легитимирало и дало наредба, секој е должен по таква наредба да постапи. Истакна дека обвинетиот не знаел што прави, не знаел кај иде, ништо не направил, освен што се прошетал низ ходникот кој што води кон кабина број 3. Откако и Обвинителството ги увидело овие грешки сторени во обвинението во завршните зборови било многу поблаго и обвинетиот Горанче побара да биде осуден само со една проширена реченица која вели дека истиот во еден момент тргнува по скалите кои водат кон кабинетот на Претседтелот на Собранието, не кон Прес салата и таму истиот се бутка со полицискиот кордон, при што еден од полициските

припадници се обидува со рака да го задржи, но безуспешно бидејќи истиот ја извлекува раката и трга нагоре, но истакнува дека ова не е точно со оглед дека на снимките јасно се гледа дека Горанче се качува нагоре непопречен од никого, не влечејќи ја раката од никого, а и да е така, а не е така, дали ова е дејствие кое го исполнува битието на кривичното дело -Тероризам. Во поглед на исказите на сведоците кои го спомenale Горанче како лице од кое што се осетиле загрозени истакна дека никој не не кажал ништо. Воедно нагласи дека обвинетиот е во негови средни години, неосудуван, татко на три деца од кои две малолетни, човек кој што со својот живот го бранел уставниот поредок на Република М., бранител.Тешкиот товар на докажувањето бил на Обвинителството, но сега доаѓа најтешкиот дел, товарот на одлучување кај судот. Нагласи дека делото за кое што неговиот штитеник е обвинет не го сторил, а Обвинителството не само што не докажало надвор од разумно сомневање такво нешто туку обвинетиот не е крив и во неговото делување нема ниедно дејствие со кое би се исполнило битието на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок на Република М., па заради тоа побара правда и слобода за обвинетиот, односно судот да донесе ослободителна пресуда која што ќе биде единствено исправна пресуда.

Бранителот на обвинетиот Игор Југ, адвокат Нинослав Јакимовски во завршен збор наведе дека после долготрајна и исцрпувачка постапка за сите се дојде до крајот на оваа кривична постапка, која повеќе од сигурно ќе биде запишана во историјата на судството во М. со големи букви, но сеуште не знае дали истата ќе биде со златни или пак на жалост со црни. Истакна дека е убеден дека ниту еден од обвинетите не е виновен за делото за кое се терети по чл.313 од КЗ, но доколку имаат вина за настаните поврзани од 27-ми април, тоа би било за некое друго кривично дело, но никако не за сега предметното кривично дело. Се сложува со тврдењето на Застапникот на обвинението дека многу работи се случиле како во судницата, така и надвор од неа, но не се сложува со начинот на гледање на ваквите случки и нивното интерпретирање. Застапникот на обвинението се обидел да изрази огорченост од случувањата надвор од оваа судница, обидувајќи се да го амнестира Обвинителството за истите, иако се директен производ на одлуките донесени токму во Обвинителството и изразил жалење што дел од првично обвинетите се спасиле со запирање на постапката спрема нив поради дадената амнестија, но ова е само еклатантен пример за хипокризија бидејќи доколку Обвинителството имало изградено став за постоење на вина за кривичното дело што им се става на товар на тие обвинети, нема причина зошто би давало позитивно мислење за барањата за амнестија за тие обвинети. Жалење може да се изрази за пропуштена прилика, но никако за веќе донесена одлука, а за донесена одлука во животот се трпат последиците, па затоа смета дека Обвинителството е директно одговорно

за дадените амнестии и не може вината да ја префрли на политиката и политичарите кои впрочем оставиле можност за слободна диспозиција на Обвинителството по однос на амнестијата, а истото одлучило да продолжи со селективноста према обвинетите исто како и при поднесување на предметното обвинение селектирајќи само 33-ца од над 3.000 граѓани кои биле присутни во Собранието на критичната дата и време. Смета дека обвинителниот акт е крајно паушален и непоткрепен со докази кои би докажале надвор од разумно сомневање дека неговите двајца штитеници го имаат сторено кривичното дело што им се става на терет. Осврнувајќи се на завршните зборови на Застапникот на обвинението истакна дека при обидот да направи анализа на доказниот материјал према обвинетиот Игор Југ и тоа на нецела една страна од записникот, набрзина нафрлил изјави на сведоци и своја презентација на видео материјалот без притоа да наведе од кој доказ што се утврдило и како истите докази го потврдуваат постоењето на кривичното дело што му се става на товар. Како клучен елемент за постоењето на кривичното дело што го терети обвинетиот Игор Југ, Обвинителството го наведува наводното поседување на пиштол за време на настаните на 27-ми април, но без притоа да даде сигурен доказ дека истиот имал пиштол. Обвинителството се повикало на изјава на заштитениот сведок С1, кој навел дека Игор Југ, Јане Ченто и Димче Христовски-Жабата имале пиштоли внатре во Собранието да во еден момент Игор Југ и Жабата ги извадиле пиштолите и да наводно имале намера да ги убијат З., С. и М.. Но наведе дека ова не е така од едноставна причина што овој сведок во својот исказ изјавил дека лицето Димче Жабата се одделил од другите во Собранието, па ради тоа и Јане Ченто го контактирал. Основано се поставува прашањето како можел овој сведок да ги забележи и двајцата и Игор Југ и Жабата дека ги извадиле пиштолите кога овие двајца воопшто и не биле заедно, па на овој сведок не може да му се поклони верба на ваквиот исказ. Истакна дека овој сведок е крајно контрадикторен самиот на себе, а за тоа доволно зборувал и делот од исказот кога раскажува за средбата одржана во К., притоа наведувајќи „деновите после тоа во К. се одржа средба помеѓу Јане Ченто, Нинџа, А. К., Игор Југ и уште неколку лица. Средбата беше под мотото Организацијата е народот, а народот е организацијата“, од кој исказ може да се извлече заклучок дека сведокот бил присутен на оваа средба, за да подоцна во својот исказ да тврди дека сите информации му биле познати од кажување на Јане Ченто, а тоа според него е крајно контрадикторно. Воедно наведе дека овој дел од исказот е спротивен на исказот на обвинетиот Александар Василевски, кој бил категоричен дека при средбата во К. во ресторанот „Баба Цана“, покрај него и Игор Југ биле присутни уште Јане Ченто, Никола Митровски-Којо и уште едно лице, прикриен агент, што доволно зборува дека овој сведок С1 воопшто не можел да биде присатен на оваа средба, ниту пак да знае изворно што точно е зборувано на истата. Овој сведок ниту можел да знае дека наводно Игор Југ, Ченто и Жабата имале намера да ги убијат З., С. и М. и ваквото тврдење е гола претпоставка, што се потврдува исто

така од самиот негов исказ кога тврди дека знае дека го удрил и Д. М., ударот бил колатерална штета, главната намера им била да се пресметаат со З. и С., што значи дека овој сведок повторно е контрадикторен самиот со себе бидејќи една е правна работа да постои намера да се убие некој, а сосема друга да едно лице биде колатерална штета или попросто кажано спрема тоа лице не постои никаква намера да биде убиено, па ниту Обвинителството, а уште помалку судот, може да изведува било каков заклучок од еден ваков исказ на овој сведок. Бранителот се осврна и на исказот на обвинетиот Захарие Симовски при што наведе дека истиот за одбраната е крајно нелогичен, а имено, овој сведок навел дека Игор Југ посегнал по пиштол кој му бил позади грбот и позади грбот го репетирал и го вратил повторно позади грбот, кое дејствие е крајно невозможно, односно невозможно е да се изврши репетирање на пиштол позади грб. Ваквата одбрана на овој обвинет, според него е однапред смислена и во координација со Обвинителството свесно и во отсаство на докази, да му се наштети на обвинетиот Југ, а за ова доволно зборува фактот дека истиот во притвор се задржал околу 10-тина дена, а и неговото амнестирање и покрај признанието дека носел пиштол, а и покрај фактот кој се утврдил од снимките дека мава со разни предмети кон пратениците изразувајќи на тој начин дејствија на насилство, за да на крај од Обвинителството биде награден со позитивно мислење за амнестија. Нелогичноста на ваквиот исказ смета дека се согледува и во тоа што репетиран пиштол никој не би го вратил позади грб, а уште помалку да со таков репетиран пиштол да се потпира на ѕид, како што тоа нешто го сторил обвинетиот Игор Југ. Наведе дека од презентираниот видео материјал произлегло дека Игор Југ излегол во холот од Прес салата, се потпрел на ѕидот и пушел цигара, а ова нешто не би го сторил доколку имал пиштол позади грбот, а уште помалку да истиот е репетиран. Овој обвинет и Игор Југ воопшто не се познаваат, ниту некогаш се имаат запознато, па ниту можел да знае дали Игор Југ поседувал пиштол или не во состојба на присуство на над 200 луѓе во Прес салата. Се осврна на околноста дека Обвинителството го цитираше и сведокот В. М. кој навел: „се сеќавам многу убаво дека еден човек со брада, црна маичка, ќелав, една рака му беше вака позади и само брефташе уф, уф, уф. После јас поминав позади, значи сега зборувам за десна моја страна од другата страна, го видов истиот човек значи има пиштол во половината, тука, тогаш јас продолжувам да одам на таа страна и заедно со мене беше и пратеникот Џ. А.“, па смета дека ваквиот исказ на овој сведок е крајно контрадикторен со изведениот доказ, видео снимка од мобилниот телефон на обвинетиот Оливер Поповски каде се гледа дека на оваа снимка и тоа со време од 00:29 се гледал сведокот В. М. дека се наоѓа скроз во позадина кај групата пратеници, свртен лице спрема лице во однос на обвинетиот Игор Југ на оддалеченост од околу 5 метри, па во никој случај не можел да види што всушност истиот има на половината, а посебно не ако како што тврди овој сведок тоа нешто го забележал кога пошол на својата десна страна, што би значело дека би бил поставен

малку странично од левата страна на обвинетиот. Оваа иста положба на овој сведок се гледала и на снимката означена како 24 вести-инсерти тепање нови Д., и тоа со време околу 00:24. Токму затоа смета дека во таа положба не можел да ја види десната страна на обвинетиот, а уште помалку пак дека во таа гужва од околу 200 луѓе и галама да истиот бил во можност да го слушне наводното брефтање на обвинетиот. Крајно нелогичен исказ, а посебно што овој сведок рече дека видел само наводна дршка од пиштол без да може да каже дали бил пластичен или метален. Наведе дека Застапникот на обвинението го цитирал и сведокот Д. М., кој изјавил дека видел лице со оружје, лицето носело црна маица со ознака ХОС, било без коса на главата и со брада. Оружјето му било во задниот дел на панталоните, под маицата, па обвинителот извлекува заклучок дека обвинетиот Игор Југ носел пиштол иако овој сведок воопшто не бил во можност да потврди дека се работи за пиштол, но затоа пак сведокот навел дека Игор Југ спрема никого не манифестирал насилство, а ниту пак према некого се закaнувал. Смета дека сведокот се води од впечатоци кои само нему му се видливи, па неговиот исказ остава голема доза на несигурност во својот исказ, а воедно истиот уште одамна имал изградено негативен став кон обвинетиот Игор Југ со изнесување на невистини спрема него во јавноста. Во поглед на исказот на сведокот М. З. истакна дека истиот зборувал за некое лице кое со една рака држел од позади пиштол и не бил во првите редови, туку бил после вториот ред од луѓето што стоеле пред пратениците, па дури дека на ова лице му испаднал пиштолот и се наведнал да го бара и го нашол, но овој сведок воопшто не бил во можност да потврди дали таквиот пиштол бил пластичен или метален, но наведе дека на ниедна снимки од тв камери, од мобилни телефони, од безбедносни камери, од секој можен агол и позиција не било забележано во ниту еден момент дека на обвинетиот Игор Југ му испаѓа нешто или дека се наведнува да бара нешто, а ниту пак тоа нешто го потврдил било кој друг од распрашаните сведоци кои биле во далеку подобра позиција да го видат обвинетиот Игор Југ. Наведе дека сведокот З.З. во својот исказ говорел за некое лице кое имало пиштол во задниот десен дел од панталоните и барало чиста мета да пука правејќи процена според движењето на обвинетиот, меѓутоа овој сведок во ниту еден момент од својот исказ не го посочил директно обвинетиот Игор Југ, туку истиот зборувал во множина за лица кои имале оружје на своите каиши на половината, па така истиот навел дека во целиот овој временски период додека траело насилството врз пратениците бил моментот кога гледале дека во вториот ред веднаш после напаѓачите се шетаат луѓе кои што се однесуваат наредбодавачки и буквално шарајќи со очите или главата се труделе да најдат чиста мета веројатно за да маваат со нешто или да пукаат. Во поглед на наводите на Обвинителството дека обвинетиот го нападнал новинарот Д. Т. од новинската агенција „Мета“ наведе дека Обвинителството се повикува само на некое известување нагласувајќи дека не постои ама баш никаков доказ дека е извршен физички напад врз истото, а уште помалку пак дека му е одземен некаков телефонски апарат

при што во обвинението само било наведено дека ова лице наводно е нападнато физички од страна на обвинетиот Игор Југ заедно со повеќе НН лица и присилно му го одзеле телефонскиот апарат. Воедно наведе дека не постои никаква поврзаност помеѓу обвинетите за да претставуваат една организирана целина како што сака да претстави Застапникот на обвинението со обвинителниот акт ниту пак постојат докази дека постоело наводното дејствие за мобилизирање на членството на здруженијата, меѓу другите и на „Ч." кое согласно доказот доставување на податоци рег. бр. 2811.2-1983-3 од 18.07.2017 година, како и доказот содржан во ова известување Тековна состојба бр. 0805 - 50/150120170044093 од 18.07.2017 година на Централниот регистар на РМ, се утврди дека ова здружение МПЗ „В. Ч." е од К., а на кое еден од сопствениците е обвинетиот Вилијам Михајловски е оформено, односно основано на ден 24.05.2017 година, скоро месец дена после настаните во Собранието, па смета дека со ова за неговите штитеници Игор Југ и Вилијам Михајловски отпаѓа тврдењето за мобилизација на некакво членство бидејќи ниту едниот, ниту другиот биле членови на некакво здружение, па со тоа ниту се мобилизирани, ниту мобилизирале. Смета дека нелогично е тврдењето во обвинението дека обвинетите кои биле дел од толпата народ знаеле дека Собранието не е соодветно обезбедено и заштитено со полициски сили и дека наводно поради неиздавањето на наредби за дополнителни полициски сили од страна на обвинетите Чавков, Пешов и Лазаров, им било овозможено непречено да се влезе во Собранието за наводно остварување на целта на насилниот упад, а за да подолу во обвинението да се тврди дека обвинетите Никола Митревски-Кољо, Игор Југ, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски-Ќосето, Вилијам Михајловски, Влатко Трајковски-Луди, Младен Додевски, Дејан Давидовски-Дешо и амнестираните Стефан Младеноски, Михаел Младеноски, Илија Славевски, Митре Питроповски и Захарие Симовски, заедно со насобраните граѓани се обиделе со туркање, удирање на полициските службеници поставени пред вратите, како и со кршење насилно да ги отворат влезните врати, но не успеале да ги отворат поради нивната безбедносна заштита. Притоа наведе дека неспорно е дека толпата народ во која спаѓаат и дел од сега обвинетите воопшто не можеле да влезат во Собранието поради заштитните механизми потпомогнати со полициските сили се додека не им било овозможено да влезат во Собранието. Според него обвинителниот акт е контрадикторен самиот на себе, а имено со истиот се тврди дека обвинетите имале намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на Р.М. и да оневозможат и спречат избор на Претседател на Собранието, а истовремено во диспозитивот од актот се тврди дека се одржувала прес конференција по изборот на пратеникот Т. Џ. за Претседател на Собранието на Р. М.. Нагаси дека Претседател бил веќе изберен и толпата воопшто не можела тоа нешто да го спречи, а во завршниот збор Застапникот на обвинението за ваквото свое контрадикторно тврдење побарал алиби во тоа што изборот не бил објавен во „Службен весник на Р. М.". Истиот се повика и на цитат од Фројд

кој рекол: „несвесно изговорените работи многу повеќе зборуваат за околностите, отколку свесно срочените зборови и мисли“, па нагласи дека Застапникот на обвинението во своите завршни зборови, неколку пати говорел за неконтролирано насилство, а самото ова несвесно тврдење за неконтролирано насилство, смета дека доволно зборува дека и самиот Застапник на обвинението не е убеден дека постои било каква координација или контролирање помеѓу обвинетите, а кое нешто упорно во целата оваа постапка се обидувал да го докаже, односно дека сите дејствија на обвинетите биле координирани и претходно исконтролирани од некого и дека сите биле поврзани. Истакна дека толпата во која спаѓаат и обвинетите делувала сосема стихијно и со неповрзани дејствија, делувале во момент на раздразливост во отсуство на своја сопствена волја бидејќи припадници во одредена толпа која протестира оформуваат колективна свест како толпа, па доволно е барем 2-3 од припадниците на толпата да изреагираат агресивно, по што и целата толпа станува агресивна. Смета дека во отсуство на сопствена намера, не може ниту да се зборува за намера за загрозување на уставниот поредок и безбедноста на државата заради што Судот треба да донесе единствена можна праведна и законита одлука, а тоа е да обвинетиот Игор Југ го ослободи од секаква кривична одговорност поради немање на докази дека истиот го сторил кривичното дело кое му се става на товар.

Бранителот на обвинетиот Игор Југ, адвокат Сашо Јанев во завршен збор наведе дека Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на ден 27.03.2018 година поднесе обвинителен акт, прецизиран на главна расправа на ден 31.01.2019 година против повеќе од 30 сообвинети, меѓу кои и обвинетиот Игор Југ од К.. После донесувањето на Законот за амнестија останаа 17-та жигосани меѓу кои и Игор Југ, каде што според наводите во прецизираното обвинение истиот сторил кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ. Притоа се осврна на некои делови од обвинението наведувајќи дека обвинетиот Игор Југ според обвинението го сторил кривичното дело од чл.313 само со пет дејствија на извршување, а тој како бранител, одговорно тврди дека Игор Југ не го сторил споменатото кривично дело, ниту пак има докази дека го сторил кривичното дело од чл.313, а согласно правилата на давање завршен збор одбраната може алтернативно да предлага две и повеќе правни квалификации оставајќи му го на судот конечниот избор помеѓу нив. Одбраната на обвинетиот Игор Југ судот ќе може да ја цени бидејќи истиот се изјаснил по повод обвинението, зборувал за себе и самиот оставил на судот и на времето како најдобар судија да се дознае целосната вистина за него и неговите постапки во критичниот ден за кое обвинението зборува. Тој пат до вистината прилично е долг, за него и предолг бидејќи трпи големи последици од оваа постапка. Истакна дека скоро ќе се навршат 510 денови како трае оваа постапка против неговиот клиент, а за тоа време слободата

на неговото движење за цело време е ограничена со изречената и многу пати до сега продолжувана мерка притвор, од 29.09.2017 година, па се до денес, а воопшто нема докази обвинетиот да се осуди во оваа постапка и истиот е жртва. Истакна дека пред да Обвинителството го поднесе обвинителниот акт за кривичното дело по чл. 313 од КЗ, обвинетиот морал да одговара за Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење службено дејствие од чл.384 ст.1 од КЗ, заради што му бил определен краткотраен притвор од осум дена, а од причини што ОЈО С. немало доволно докази за ова кривично дело, го сменил мислењето за оваа правна квалификација и одлучил да му стави на товар уште две кривични дела и тоа Учество во толпа што ќе изврши кривично дело од чл.385 ст. 3 вв со ст.2 вв со ст.1 од КЗ, каде го третирал како организатор и кривично дело Неовластено изработување, држење, поседување и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл. 396 ст.1. Со оглед дека ОЈО С. за овие кривични дела немал доволно докази „природно“ било да се отстапи надлежноста од ОЈО С. на ОЈО С. за гонење на организиран криминал и корупција. Нагласува дека на обвинетиот му се става на товар дека истиот се насочил кон пратеникот З. З. и посегнал по пиштолот, но не испукал па смета дека во овој дел се импутираат овие дејствија на извршување, а Јавниот обвинител не прави дистинкција на општоопасното дејствие со актот на насилство, па тука сакајќи да направи некоја си паралела несреќно го вметнал актот на насилство кон Д. Т., новинарот на „Мета“. Истакна дека не е дефинирано пиштолот која марка е, дали е пиштол или револвер, сериски број или без сериски број, по својот калибар (4,5 мм; 5,6 мм; 7,62 мм или пак 9 мм), никаде не се утврдени папиларни линии, ниту пак остатоци од барутни честици на рацете на Игор Југ без разлика дали е пукано или не, а пиштол не постои. Наведе дека не знае за што ќе одговара Игор Југ после донесувањето на одлука на судот, меѓутоа знае за што нема да одговара, а тоа е Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста поради фактот што ова кривично дело како елемент меѓу останатото ја бара и намерата како дел од директната умисла како субјективен елемент на кривичното дело кое му се става на товар. Во кривичното право mens rea е латински поим за кривична намера, вообичаено е еден од потребните елементи на кривичното дело. Стандардниот тест за кривичната одговорност обично е изразен со латинска фраза меѓутоа тоа значи актот не го прави човек виновен освен ако и неговиот ум не е виновен исто така, па смета дека во судските надлежности со правилен процес мора да постои actus reus (кривичен акт) придружен од некој степен на mens rea (кривична намера), за да го создадат кривичното дело со кое се товари обвинетиот. Во овој дел мора да постои совпаѓање на намерата и актот, а исклучок се кривичните дела со објективна одговорност. Според рационалното прецедентно право, вината или невиноста на едно лице зависи од тоа дали тоа лице извршило кривично дело actus reus и дали имало намера да го изврши кривичното дело mens rea. Ова кривичниот закон го вика ОПР - однесување, придружни околности, резултат. Истакна

дека тестот апсолутно морал да биде направен од страна на Јавното обвинителство кој постапува по овој предмет и тоа да го прави за секој обвинет поединечно бидејќи тоа, намерата како институт сам по себе го бара. Тестот за постоење на намерата може да биде: субјективен, при што на судот мора да му се докаже дека обвинетиот го имал неопходниот ментален елемент присутен во неговиот ум во односното време, тоа е во делот за совпаѓање на намера и акт. Објективен, при што неопходниот елемент намерата му се припишува на обвинетиот врз основа на тоа дека разумна личност би го имала менталниот елемент во истите околности или хибриден, при што тестот е и субјективен и објективен. Смета дека кога едно лице планира што ќе прави, а што не, тој ќе ја увиди низата на можни резултати од даденото однесување на лизгачка скала од „небрежно до веројатно, до можно, до невозможно“, колку повеќе еден резултат тежнее кон „неизбежно на скалата“, толку поверојатно е дека обвинетиот го предвидел и го посакувал тоа и затоа посигурно е да се припише намерата. Меѓутоа ако обвинетиот не го предвидел и не го посакувал, тогаш тоа мора да оди во насока на непрепишување на намерата, односно ако има јасен субјективен доказ дека обвинетиот немал предвидувања, ама разумен човек би го имал хибридниот тест, може да утврди кривична небрежност. Очигледно е ако има презумција на тој incapax, односно дека обвинетиот немал доволно разбирање за природата и карактеристиките на неговите дела, тогаш неопходниот елемент mens rea е отсутен без разлика на тоа кој степен на веројатност би можел во спротивност да биде присутен. За оваа цел онаму каде што важните статути се битни, а прецедентното право треба да ја создаде основата за потенцијална одговорност, разумното лице мора да ги има истите интелектуални и физички квалитети како и обвинетиот, па тестот мора да биде дали обвинетиот со овие специфични атрибути би ги имал потребното предвидување и желба. Наведе дека еден од менталните компоненти што често се доведуваат во прашање емоциите, па ако обвинетиот признае дека има мотив во согласност со елементите на предвидливост и желба ова ќе се додаде на степенот на веројатност дека фактичкиот резултат бил намерен, но ако има јасни докази дека обвинетиот имал различен мотив, во овој случај прашање е дали воопшто има мотив, ова може да ја намали веројатноста дека тој го посакувал суштинскиот резултат. Во таква ситуација мотивот може да стане субјективен доказ дека обвинетиот немал намера, туку бил невнимателен или своеволно слеп. Мотивот не може да биде одбрана, ако на пример некое лице провали во лабораторија што се користи за тестирање лекови на животни прашањето за вина се утврдува со присуството на actus reus т.е. влегување без согласност и штетата на имотот и mens rea т.е. намера за влегување и причинување штета. Тоа што лицето имало јасно изразен политички мотив да протестира против такви тестирања не влијае врз одговорноста, ако мотивот има каква било важност тоа може да биде искористено во делот на судењето кога се одредува казна, кога судот размислува за каква казна ако воопшто некоја е соодветна. Смета дека нема докази, не постои mens

геа и бидејќи Јавниот обвинител не докажал надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил кривичното дело за кое се обвинува предложи врз основа на чл.403 ст.3 од ЗКП судот да донесе ослободителна пресуда.

Бранителот на обвинетиот Влатко Трајковски, адвокат Биљана Стојановиќ во завршен збор наведе дека со овој пред се исцрпувачки долготраен судски процес кој може да се означи како предмет кој привлекува висок публицитет опфатени биле 33 обвинети за сторено кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста по член 313 од КЗ. Невозможно е како бранител на обвинетиот Влатко Трајковски во завршен збор како увод да не направи осврт за субјективното битие на делото и да нагласи дека покрај умислата влегува и намерата за загрозување на уставниот поредок и безбедноста на РМ за што е пропишана и казна затвор од најмалку 10 години. Дејствието на извршување на ова кривично дело е превземање на општоопасно дејствие или акт на насилство. Наведе дека во текот на постапката од вербалните и материјални докази се докажа дека обвинетиот Влатко Трајковски не превземал дејствие на извршување со кое би се остварило битието на ова тешко кривично дело кое му се става на товар, ниту пак постоела намера да го изврши ова кривично дело. Истакна дека обвинетиот Влатко Трајковски пред и за време на случувањата на настаните од 27-ми април бил член на ВМРО, но во ниту еден случај не бил член на ниту едно патриотско здружение, ниту пак ги познавал членовите на патриотските друштва, ниту пак другите обвинети за ова кривично дело и иако наизглед неважно мора да се истакне дека ништо не го поврзувало со другите обвинети кои сите имаат различно образование, занимање, место на живеење, фамилијарен статус, години на старост, кое значи дека не постои никаква поврзаност, организираност или усогласено дејствување со другите обвинети во оваа постапка. Смета дека од изведените докази не се докажа постоење на умисла и намера кај обвинетиот Влатко Трајковски за извршување на кривичното дело кое му се става на товар, односно дека бил свесен за своето дело и дека го сакал неговото извршување, а за тоа сведочи што на критичниот ден помогнал да се извлече пратеничката М. Г. кое нешто го потврди во својата изјава сведокот на Обвинителството П. А., кој навел дека луѓето што влегле биле буткани во ќош, тој успеал да се исправи и во тој момент видел дека една од пратеничките била повредена, не знае на кој начин, дали симнувајќи се од горе од галеријата или некаде горе не знае точно што се случило, се жалела на страшни болки и се обидел да и помогне бидејќи бил до неа и полека се обиделе да излезат од Прес салата. Тој ја земал неа и полека излегле од Прес салата, надвор пред салата имало веќе многу луѓе, не знае колку, имало викотници, луѓе со знамиња, имало различни луѓе и не знае кој по која линија бил тука. Цело време се галамело, се викало, една ужасна атмосфера во која што никој не сакал да се најде. Нагласи дека овој сведок во дополнение навел дека знае дека еден човек на свои 30-тина години му помогнал, не го познавал, не знае кој бил, но им помогна

да ја симнат пратеничката по скалите и откако ја симнале им рекол да одат, затоа што пред нив ќе ја носат Ш. која е е повредена и тие да одат по нив, најверојатно одат во амбуланта. Освен тоа сведокот наведе дека кога се симнале доле од тоа лице му било кажано дека е препознатлив лик и да оди во амбулантата, да не се движи по ходниците, ситуацијата не била безбедна. Сведокот го опишал тоа лице велејќи дека се работи за маж меѓу 30-40 години, не со голема килажа, висина околу неговата, можеби понизок. Освен тоа сведокот истакнал дека постои голема сличност помеѓу тоа лице и обвинетиот, но не може да биде сигурен сто посто. Истакна дека се повикала на изјавата на овој сведок бидејќи истата се потврдила и со одбраната која ја давал обвинетиот Влатко Трајковски, па смета дека од тука произлегува дека обвинетиот не влегол со намера и умисла да изврши вакво кривично дело кое нешто го потврди и со одбраната која што ја дал, а имено дека влегол во Собранието од радозналост бидејќи кога дошол пред Собранието вратата веќе била отворена, а народот бил влезен, односно оној кој имал намера да го изврши ваквото кривично дело не може да врши други дејствија, немаше да им помага на повредените и да ги насочува кон излезот. Можеби од тие причини нејзиниот штитеник првично бил обвинет дека сторил кривично дело Учество во толпа од чл.382 од КЗ и кривично дело Предизвикување општа опасност од чл.288 ст.3 од КЗ. Наведе дека накратко ќе ги истакне дејствијата на извршување во прецизираното обвинение на Застапникот на обвинителството каде стои дека обвинетиот Влатко Трајковски со противпожарен апарат прскал кон пратениците, новинарите и овластените службени лица кои се движеле по скалите, па со апаратот и со тупаници удрил и физички го нападнал оштетениот пратеник С. К., ја нападнал и удрил пратеничкатга Р. Ш. во холот пред Прес салата, кое нешто подоцна со завршните зборови го прецизирал и истото соодвејствува со видео снимките каде воопшто не е спомнато дека пратеникот С. К. е удрен со ПП апаратот туку е наведено дека е удрен со тупаници од едната, па од другата страна, а кое се потврдува и со фактот што пратеникот С. К. воопшто не доставил медицинска документација и доколку бил удрен со ПП апарат како што првично беше наведено, истиот ќе имал сериозни повреди. Истакна дека откако Влатко Трајковски ги спасил и упатил П. А. и М.Г. кон излезот истиот продолжил да се движи кога во еден момент С. К. се упатил кон Влатко Трајковски со погрдни зборови и почнала расправија помеѓу нив, а Влатко како човек од 2001 година како бранител во првите борбени редови, во времето на конфликтите во Република М. кога бил и директен учесник како професионален војник, во тие тешки денови кога бил поставен да ја брани М. во првите борбени редови се соочил со смртта на блиски познаници како и со стравот дека ќе го загуби својот живот, сето тоа допринело да изгуби контрола на своите емоции, да стане депресивно растроен и од тие причини и во моментот на паника и страв пред лифтот кога се соочил со С. К., посегнал по ПП апаратот и почнал да ги прска со течноста од противпожарниот апарат, притоа како бивш пожарникар знаел дека никој нема да биде повреден од пената која

излегува од противпожарниот апарат. Наведе дека како што може да заболи телото, може да заболи душата, а неговата душа е болна уште од времето на конфликтите и може лесно да стане подводлив и за момент не може да ги контролира своите емоции. Обвинетиот Влатко Трајковски во ниту еден случај не е терорист, туку тој е семеен човек, татко на две малолетни деца, кои се на работ на егзистенција додека е во притвор. Смета дека од вербалните и материјалните докази не произлезе дека обвинетиот го сторил кривичното дело кое му се става на товар, па предложи судот врз основа на чл. 403 ст. 3 од ЗКП да донесе ослободителна пресуда.

Бранителот на обвинетиот Вилијам Михајловски, адвокат Нинослав Јакимовски во завршен збор наведе дека како одбрана на обвинетиот Вилијам Михајловски е лимитиран во давањето на своите завршни зборови имајќи ги во предвид доказите кои биле презентирани од страна на Застапникот на обвинението спрема обвинетиот Вилијам. Наведе дека видно од доказниот материјал кој бил изведен пред овој суд се утврдува дека ниту еден вербален доказ не беше изведен, односно ниту еден од предложените сведоци на било кој начин не го ниту спомна обвинетиот Вилијам. Ова доволно зборува како што кажал и на минатата расправа да истиот воопшто на никаков начин не е поврзан со ниту еден од останатите обвинети присутни денес тука, а ниту пак со обвинетите кои претходно биле амнестирани. Она што може да се забележи од презентираните видео снимки, а кои и впрочем биле повеќе на број во кои се појавува обвинетиот Вилијам, било тоа да истиот на повеќе наврати и тоа 15-20 пати се гледа како шета низ Собранието движејќи се де до Прес салата, де до ходникот пред кабинетот на Претседателот на Собранието, како и во некои останати простории кои тој не е во можност да ги посочи, а ниту пак обвинетиот Вилијам, бидејќи тоа било прв и последен пат да се најде во Собранието. Обвинителството бара од судот да обвинетиот Вилијам биде огласен за виновен за делото што му се става на терет и тоа за како што кажав шетањето низ Собранието. Притоа, при ова шетање воопшто немало можност да се забележи ниту едно и единствено дејствие кое би оставило било каков сомнеж дека обвинетиот има употребено физичка сила кое може да се подведе како насилство. Од самиот почеток на настанот од кога се забележува обвинетиот на видео снимките можело да се види дека во ниту еден момент истиот не носи фантомка или капа или нешто слично со кое би го заштитил својот лик. А зошто и би се криел кога воопшто и немал намера да чини било какво кривично дело, па за да остави и најмал сомнеж дека сака да се прикрие, односно да не се открие неговото сторување на било какво кривично дело. Наведе дека Обвинителството во дополнението на доказната постапка пред судот доставил уште една снимка која од страна на Застапникот на обвинението била интерпретирана онака како што самиот застапник сакал со таквиот начин да го наведе судот да поверува дека обвинетиот Вилијам има

извршено физички напад. Овој физички напад Застапникот на обвинението се обидел да го претстави дека бил извршен врз пратеникот З. С. и тоа да наводно обвинетиот со рака имал замавнато накај истиот и дека истовремено, како што е наведено во обвинението, со нога го удрил овој пратеник. Меѓутоа, доколку се изанализира детално оваа видео снимка со сигурност ќе се утврди да обвинетиот Вилијам ниту со рака има замавнато кон пратеникот З. С., а уште помалку пак дека го има удрено со нога. Ова нешто го зборува бидејќи видно од снимката раката која Обвинителството ја посочува дека е на обвинетиот Вилијам воопшто не е негова. Наведе дека судот бил во можност да увиди дека раката која била посочена е гола рака нететовирана, а нотерен факт е дека десната рака на обвинетиот Вилијам е тетовирана, па според него како одбрана останува нејасно со која леснотија Застапникот на обвинението ја прави оваа конструкција да раката е на обвинетиот Вилијам. Во поглед на наводното удирање со нога, наведе дека на снимката се забележало дека обвинетиот Вилијам се наоѓа на метар и половина од пратеникот З. С. кој бил паднат на земја од ударите кои ги имал задобиено од лицата присутни во толпата, па физички е невозможно истиот да зададе некаков удар со нога, а во состојба кога пред него се наоѓааат и други лица кои впрочем и го имаат удирано за кое нешто и имало поведено кривична постапка. Истакна дека и самиот Застапник на обвинението при презентацијата на таа видео снимка во ниту еден момент не констатира дека на снимката се гледа да обвинетиот Вилијам задава удар со нога на пратеникот С., само констатира дека обвинетиот се гледа во толпата која задава удари и констатира исто така и обвинетиот задава удари, но какви удари задава Обвинителството не било во можност да посочи од проста причина што од оваа видео снимка тоа нешто и не се забележувало, па за него зачудувачки е како може Застапникот на обвинението да конципира во обвинителниот акт тврдење дека обвинетиот Вилијам Михајловски замавнал со тупаница да го удри пратеникот З. С., во исто време со нозе го удрил додека пратеникот З. С. лежел на подот. Ваквата формулација во обвинителниот акт како опис на дејствие на обвинетиот Вилијам практично било и физички невозможно.За него невозможно е и истовремено да се задава удар и со нога и со рака и во таа гужва и во тоа туркање обвинетиот да остане на нозе. Напомена дека Обвинителството користи термин нозе што значи во множина, додека како дејствие тврди, удрил еднаш, еднина, па запраша што е всушност точно, едно удирање или повеќе удирања со нозе, при што наведе дека ниту едното, ниту другото. Снимката доволно покажала дека вакво дејствие кај обвинетиот Вилијам не постои, а ова е доказниот материјал со кој Обвинителството го терети обвинетиот Вилијам дека е сторител на кривичното дело од чл. 313 од КЗ. Оскуден, сиромашен и кој практично не докажал никакво дејствие на обвинетиот кој би оставил кај судот и барем мал сомнеж дека навистина го сторил делото за кое се терети. Наведе дека обвинетиот Вилијам Михајловски е еден од основачите на патриотското здружение „В. Г. Ч.“ од К. кој е заедно со останатите четири други лица кои не се присутни го

имаат основано на ден 24.05.2017 година што значи без малку еден месец по настаните. Истакна дека иако Застапникот на обвинението на расправата по давањето на завршни зборови, третирајќи го како техничка грешка направи одредени измени во обвинителниот акт на начин што во последниот пасус од обвинението направи, на начин што избриша одредени зборови и тоа наместо „сведоците оштетени“ вметна „лицата“, во наредниот ред исто така од тврдењето „сведоците оштетени“ го избриша зборот „оштетени“ алудирајќи дека се работи само за некаква техничка грешка, но Застапникот на обвинението остана при останатиот прецизиран обвинителен акт од ден 31.01.2019, па на тој начин остана и при тврдењата во истиот и тоа дека се работи не за лица туку за оштетени, пример оштетениот А. Ј., оштетениот пратеник З. З., па истиот наведе дека зачудува што впрочем бара Обвинителството од судот, дали овие лица да ги третира како сведоци или пак како оштетени. Вакви контрадикторни наводи во обвинителниот акт наведе дека се апсолутно недопустливи, посебно не кога се работи за вакво едно сериозно кривично дело, но од негова страна ќе претпостави само зошто Обвинителството направило вакви пермутации и игра со зборови, а тоа е единствено поради остварување на наводното битие на кривичното дело и тоа да го претстави постоењето на чувството на страв и загрозеност кај граѓаните. Сепак смета дека сите лица кои биле распрашани пред судот во својство на сведоци биле лица кон кои бил насочен одреден напад без разлика дали се работи за физички или вербален во вид на закани што значи дека се работи единствено за активни субјекти во овој кривично-правен настан. Наведе дека Обвинителството во оваа насока за постоењето на чувството на загрозеност и страв кај граѓаните до овој суд не доставило ниту еден доказ, не предложило ниту еден сведок, па останува отворено и прашањето кој тоа почувствувал страв. Можеби и тој почувствувал страв, но доволно зборува зборчето „можеби“, па како се работи за претпоставка, така и судот во оваа насока не може да утврдува никакви факти, бидејќи Обвинителството не стори никаков напор да достави до судот било каков доказ. Одредени лица кои Обвинителството ги наведува така беа оштетени во други постапки кои се водеа пред останатите судови што впрочем е и нотoрен факт, па само ќе повтори дека во никој случај не се работи за пасивни субјекти кои почувствувале загрозеност, несигурност и страв. Смета дека судот може да донесе една и единствена можна пресуда по однос на обвинетиот Вилијам Михајловски, а тоа е да го ослободи од обвинение поради немање на докази, а и би можел судот да бира и останатиот основ, а тоа е од дејствијата кои му се ставаат на терет на обвинетиот онака како што се видел доказниот материјал не претставуваат кривично дело.

Бранителот на обвинетиот Никола Митревски, адвокат Маја Дојчиновска во завршен збор наведе дека како дејствија на извршување кои му се ставаат на товар на обвинетиот Никола Митревски според Застапникот на

обвинението се тоа што заедно со обвинетиот Александар Василевски телефонски ги контактирал обвинетите Јане Ченто, Игор Југ, Младен Додевски и други лица за кои е запрена постапката со цел мобилизирање на членството од С. и други градови за насилен упад во Собранието на РМ, па откако добил телефонски повик во 18:58 часот во група со останати лица со маски и фантомки на главите се упатил кон Собранието, по што со дел од останатите обвинети со употреба на физичка сила, влечење отстраниле еден од овластените службени лица од единицата ЕБР поставени пред влезните врати на Собранието, по што пред вратите на Прес салата обвинетиот Митревски со тупаница го удрил овластеното службено лице, сведокот С.Т. во предел на лицето, а потоа го удрил и оштетениот А. Ј., Началник на внатрешното обезбедување на Собранието, а потоа заедно со дел од обвинетите ја повикувал толпата. Обвинетиот Никола Митревски како и огромен број граѓани имал изградено свој став и ги поддржувал протестите од граѓанската иницијатива „За Заедничка М.“ во кои и неколку пати учествувал пред критичниот настан на 27 април 2017 година. Наведе дека одбраната е изненадена од ставот на Обвинителството зошто обвинетиот Митревски го товари за вака квалификувано кривично дело, кога за истиот настан пред овој суд непосредно по случувањата на 27.04.2017 година против обвинетиот Митревски била отворена истражна постапка со која обвинетиот се товарел дека сторил кривично дело по чл.384 од КЗ, Учество во толпа што ќе спречи службено лице при вршење на службено дејствие во која постапка против обвинетиот Митревски била спроведена и мерка притвор, па го постави прашањето каде и со што се смениле дејствијата на извршување на обвинетиот во овој кривично-правен настан за да Обвинителството отвори друга постапка и да изврши преквалификација од едно во друго кривично дело. Наведе дека таквото постапување на Обвинителството единствено не води до заклучок дека Обвинителството цели кон безосновано обвинување, а со цел судот да го убеди дека во дејствијата на обвинетиот се содржани елементи на квалификуваното кривично дело иако е повеќе од јасно за што и за какво дело може да одговара обвинетиот Митревски, но дека Обвинителството не докажа дека обвинетиот Никола Митревски заедно со обвинетиот Александар Василевски телефонски ги контактирал обвинетите Јане Ченто, Игор Југ, Младен Додевски и други лица за кои е запрена постапката со цел мобилизирање на членството од С. и други градови за насилен упад во Собранието на РМ. Истакна дека обвинетиот Митревски ниту е член на некое здружение, ниту знае за некакво членство во С. и други градови како што тврди Застапникот на обвинението и клучно согласно изведениот доказ листинг на телефонски разговори во периодот пред упадот во Собранието обвинетиот Никола Митревски немал никакви телефонски контакти со дел од обвинети, напротив согласно овој доказ обвинетиот имал телефонска комуникација согласно секојдневните свои обврски како и секој обичен ден и тоа комуницирал со својот книговодител, адвокат, со банки и свои блиски роднини, што покажува дека за

обвинетиот Никола ова бил вообичаен ден, во кој ги извршувал своите секојдневни обврски, а не дека подготвувал организиран упад во Собранието на РМ. Ова дотолку повеќе што од изведените докази линстинзи судот може да утврди според базни станици кога, каде се наоѓал обвинетиот Кољо на критичниот ден, па интересен факт е што истиот во период од 14:00-16:00 часот се наоѓа во А., во својот дом, иако Обвинителството тврди дека после 14:39 часот по повикот од Б. В. кон неговиот брат Александар Василевски, започнале активностите за мобилизирање на членство од С. и од други градови, при што наведе дека обвинетиот Кољо сигурно истото не го вршел од својот дом, а ниту пак тогаш бил во „Камуфлаж“ за набавка на маски, спротивно на тврдењата на Обвинителството. Дека обвинетиот Никола Митревски не бил дел од некаква организација за планиран упад во Собранието токму критичниот ден 27.04. ниту дека истото го планирал говорел и фактот што истиот видно од изведените снимки од пред ресторан „Дион“ облечен во сосема вообичаена гардероба, со жолти патики, фармерки и елече бела боја само говорело за неговата неорганизираност, непланска и стихијно настаната ситуација, а во крајна мера за немањето формирана намера и свест за насилен упад во Собранието на РМ. Видно од изведените докази неспорно произлегло дека обвинетиот Митревски влегол во Собранието на РМ, но исто така се виде дека истиот е без фантомка на главата, спротивно на тврдењата на Обвинителството, а од неговите движења преку снимките се утврдило дека истиот нема никакви организациски карактеристики преку повикување на толпа, ниту некого повикува, ниту организира некого во Собранието, туку впрочем како и целата толпа се движи хаотично и непलански имајќи ја предвид еуфоричната атмосфера која тогаш била присутна во Собранието. Наведе дека како одбрана мора да забележат дека Застапникот на обвинението кој бил жесток критичар на донесениот Закон за амнестија во делот на дејствијата на извршување за обвинетиот Митревски како главен адут во доказниот материјал ги користи исказите на амнестираните Стефан Младеноски, Михаел Младеноски и Захарије Симовски, кои искази овие лица ги дале во својство на обвинети на главна расправа, а нивната доказна вредност согласно процесниот закон не може и не смее да биде од клучно влијание при утврдување на решителните факти имајќи предвид дека истите својот исказ не го дале под заклетва пред судот, селективно изнесувале факти кои што сметале дека им одговараат на нив како обвинети и во краен случај немаат никаква одговорност дури и да не ја зборуваат вистината пред овој суд, според кое судот во никој случај не смее да ги им поклони верба на тие вербални докази и врз основа на истите да утврдува кривична одговорност кај обвинетиот Никола. Во еден дел од диспозитивот на обвинителниот акт се кажува дека пред вратите на Прес салата обвинетиот Митревски со тупаница го удрил овластеното службено лице, сведокот С.Т. во пределот на лицето, а потоа го удрил и оштетениот А. Ј., Началник на внатрешното обезбедување на Собранието, но пред се лицето А. Ј. во оваа постапка не бил ниту сослушан како сведок, а уште

повеќе истиот можел да има статус на оштетен во овој кривично-правен настан. Од друга страна, согласно изведениот доказ репродуцираната видео снимка од врататата пред Прес салата недвојбено може да се заклучи дека обвинетиот Митревски немал никаков физички контакт со лицето А. Ј., па според тоа ниту можел, ниту пак го повредил истиот. Што се однесува до физичкиот контакт на обвинетиот Митревски со сведокот С. Т. согласно изведениот доказ со ЦД снимка може да се заклучи дека првично сведокот С. Т. го оттурнува обвинетиот Митревски, додека истиот на ова оттурнување возвраќа исто така со отурнување. Независно од тоа, како одбрана истакнуваат дека обвинетиот Никола Митревски е свесен дека има одговорност со самиот факт што влегол во Собранието на РМ на критичниот ден и за нив како одбрана е неспорно и доколку овие дејствија и дејствијата остварени преку взаемниот физички контакт со сведокот Т. исполнат битие на конкретно кривично дело за истото да се одговара, но во никој случај неприфатливо е да се одговара за вака квалификувано кривично дело кое обвинетиот Кољо не го сторил во ситуација кога истиот како и илјадници други луѓе во еуфорична атмосфера и со зовриени емоции влегол во Собранието на РМ, па предложи на судот да донесе ослободителна пресуда за обвинетиот Никола Митревски.

Бранителот на обвинетиот Никола Митревски, адвокат Јаким Наумов во завршен збор наведе дека е јасно дека Никола Митревски не може да одговара, да биде огласен за виновен и да биде осуден за кривичното дело Тероризам од чл.313 од КЗ на РМ затоа што Јавното обвинителство не доставило докази кои вон секакво разумно сомнение ќе го убедат судот да тоа е единственото можно одлучување по наведената правна работа. Ова може да се потврди со мислата на Роберт Хејнлајн кој сосем јасно вели „она што не може да се изрази со бројки, со факти, ниту да се докаже, тоа не може да биде релевантен и утврден факт, туку може да биде само мислење“. Ако реално се погледне во оваа правна работа, Јавното обвинителство изразува само мислење, не презентира факти и докази. Наведе дека треба да се замислат сите што би се случило да Јавно обвинителство застапува некој предмет во парламентите на друга земја каде има тепање, има страв, има насилие, па сите би биле осудени, сите би биле обвинети дека сториле тероризам. Суштината и смислата и квалитетот на законите не било во тоа да како законите се напишани, туку во тоа како законите се применуваат или како што во конкретниот случај се злоупотребуваат од една од странките во кривичната постапка. Секако дека нема идеални закони кои не можат да бидат злоупотребени од страна на органите на кривичниот прогон, но да се тврди дека Никола Митревски сторил кривично дело Тероризам затоа што го користел едно од правата кои се дадени во членот 10 од ЕКЧП, а тоа е правото на став, односно слободата на мислење и слободата на примање и давање информации. Ова посебно од аспект на тоа што никој во Република М. не прогласил воена состојба, а Обвинителството тврди да во конкретниот случај дошло

до загрозување на уставниот поредок и безбедноста на Република М.. Истакна дека има Закон за кривичната постапка кој е во сила од 01.12.2013 година, законот е дециден и јасен, приклучени сме кон клубот на држави со адвенцијален систем каде концептот на соочување и контрадикторниот став преку еднаквост на странките во постапката е доминантна, но за жал во праксата овој случај посебно од страна на Застапникот на обвинението покажува дека не се почитува, туку се почитува некој закон што владеел претходно. Сократ, грчкиот филозоф во оваа насока дал една мисла „Тајната на промената е да ги фокусира своите напори не кон расчистување со старо туку кон градење на ново“, па сосем јасна била целта и смислата на оваа реченица. Наведе дека одбраната во својот завршен збор само се потсетува и ја презентира темата и теоријата која ја кажа во воведниот говор пред овој суд, па во контекст на тоа одбраната првин ќе се фокусира на нешто што недостасува во оваа кривична процедура и што воопшто не е спроведено, тоа е истрагата за кривичното дело кое се става на товар на Никола Митревски, а тоа е Тероризам од чл.313 од Кривичниот законик, при што да не се навлегува во тоа да Обвинителството има обврска согласно новиот Закон за кривична постапка, да на одбраната ги даде сите докази кои ги има собрано и кои се на штета, односно од корист на осомничениот. Обвинителството тоа не го сторило и во конкретниот случај илузорно е да се смета дека таквите докази кои се во корист и интерес на Никола Митревски ќе бидат дадени или доставени. Наводното прецизирање на обвинителниот акт дадено пред овој суд по завршувањето на главната расправа, сосем јасно укажувало на објективната промена на обвинителниот акт, факт било да и за самиот Никола Митревски, Јавниот обвинител го променил идентитетот на обвинување со додавање на нови фактички моменти каде одбраната ја стави во ситуација да не може да одговори, да не може да ги примени акузаторните елементи на оваа постапка преку кажувањето за тоа го кажале други обвинети. Наведе дека за жал другите обвинети како го тоа кажале, начинот на кој тоа го кажале и дали беа поттикнати за тоа може само да се донесат логични заклучоци. Сите тие тројца Стефан Младенов, Михаел Младенов и Захарие Симовски биле амнестирани со одобрение на Јавното обвинителство, реалноста е да тие го кажувале она што некој го сакал, тоа бил логичниот заклучок. Појасни дека терористичките акти се сложени кривични дела, луѓето кои работат на истражување многу добро знаат за специфичната методологија, за начинот на кој се истражуваат овие дела, посебно за прибирање на докази и траги кои докази и траги преку одредена форензичка анализа сосем јасно би дале докази за вон секакво разумно сомневање. Наведе дека во случајот од Јавното обвинителство на судот не му е понудено било какво доказно средство, било кој доказ, било кое мислење, било кое сосем форензички утврдена доказна сила затоа што немало ни истрага. Треба да се даде одговор што се случило во Парламентот, дали се работело за терористички акт, некое друго дело или не се работело за кривично дело. Каде се случило, во конкретниот случај се работи за терористички акт кој може да почне на

едно место, да заврши на сосем друго место. Планирањето, обуката и ред други работи кои и претходат на терористичкиот акт ги немало, потоа кога се случило, значи станувало збор за времето пред и после, следното прашање е како тоа се случи, тука мора да се каже и да се презентира вистината, имало пеење на албанската химна во Парламентот на Република М., дали одговарал овој пратеник за тоа што го сторил, дали Обвинителството покренало нешто против него. Втората работа била избор на Претседател на Собранието на Република М. од страна на оние кои не ги добиле парламентарните избори и јасно било зошто не се прогласила вонредна состојба. Зошто се случило, тука бил одговорот на субјективниот елемент, кажал што се случило, зошто народот влегол внатре, тоа бил субјективниот елемент. Дали во случај субјективниот елемент бил како што вели Јавното обвинителство организирано и смислено дојдено е до напаѓање на безбедноста на уставниот поредок на РМ или тоа е она што провоцирало и се случувало во Парламентот. Ако реално се гледа влегуваат во Парламентот 3.000 луѓе, само овие луѓе останале, што е разликата не му е познато, но сите тие 3.000 луѓе го изразувале својот став и мислење, а имаат слобода на мислење кое е гарантирано човеково право по чл.10 од ЕКЧП. Наведе дека нема одговор и на прашањето со што е сторено кривичното дело, но Обвинителството ќе каже да го спречат изборот на Т. Џ. за Претседател на Собрание, а дали е тоа така нека остане реторичко прашање. Според него во конкретниот случај 2000-3000 лица влезени во Парламентот се сторители, а одговараат само обвинетите, кои за жал не биле во Парламентот, не биле приморани да гласаат, не биле амнестирани или не подлегнале на некого да нападнат некој друг за да бидат амнестирани. Наведе дека нема жртви, нема оштетени, не ги виделе ни како предложени сведоци, ниту дале исказ пред Јавното обвинителство, ниту дале исказ тука, а според него причината била дека можеби би кажале нешто друго кое би било различно од она што била целта и смислата на некој што тоа го смислил. Потенцираше дека Јавното обвинителство согласно Законот за кривична постапка води јавнообвинителска истрага и има можност од државни органи, од правни лица, од физички лица да собере докази кои ќе бидат валидна основа врз основа на што ќе биде утврдено обвинението. Наведе дека има недостатоци во обвинителниот акт, а јасен, прецизен, концизен и недвосмислен обвинителен акт е основ за остварување на правична постапка, а членот 5 од ЗКП вели дека во Република М. судовите се во обврска да спроведуваат правична постапка. Правото на осомничениот да биде известен за обвинувањето за кои се терети било сфатено уште после Втората светска војна, во 48-ма година во предметот Алкастер. Во однос на прецизираниот обвинителен акт се доведува во прашање правото на одбрана како едно од круцијалните права согласно чл.6 од Европската конвенција. Смета дека во конкретниот случај се работи за нејасен, непрецизен, двосмислен обвинителен акт кој не ги покрива стандардите и праксата на ЕСЧП, па наведе дека би прочитал една од пресудите на ЕСЧП од 2006 година, Х. против И.. Обвинението имало круцијална

важност во кривичната постапка на начин да од моментот кога обвинителниот акт му е врачен на осомничениот, истиот е формално известен за фактичките и правни основи на обвиненијата против себе, а во случајов има парцијално доставување на доказите и во текот на главната расправа, нејасно, двосмислено, противречно обвинение. Смета дека не станува збор за прецизирано обвинение бидејќи било извршено суштествено промена во самите фактички основи на обвинување. Истакна дека во конкретниот случај е повредено правото на еднаквоста на оружјето затоа што Јавното обвинителство во конкретниот случај сторило повреда со тоа што обвинението го измени во материјална смисла. Наведе дека има пресуди Ч. и К. против Ф. од 89-та година каде е утврдена повреда поради тоа што обвинението е прецизирано во материјална смисла, а кое нешто е утврдено и во еден друг предмет П. и С. против Ф. во 1999 година, при што истакна дека за да може да се зборува за давањето на ефективна и делотворна одбрана во конкретниот случај Јавното обвинителство би морало да го утврди видот и обликот на одговорноста и тоа да го презентира во обвинителниот акт. Наведе дека една морална максима од римското право го потврдува сето она што го кажал, таа е кратка „Од неправдата не никнува правда“, па дали во случајот кога има очигледна неправда би можела да никне некаква правда. Додаде дека ЕСЧП и Советот на Европа ја следат секоја ситуација на прогласување на вонредна состојба и нивниот е крајниот збор, се исполнети или не се исполнети условите за вонредна состојба, а во контекст на тоа ги спомна и предметите Б. и М. против О. К., пресуда од 93-та година, потоа асоцијацијата Е. против Ф. од 2001 година каде ЕСЧП ги повторува општите начела наведени во други пресуди, а во врска со членот 10 каде вели: „да според стандардите на ЕСЧП изразувањето претставува еден од основните темели на демократското општество и еден од основните услови за неговиот напредок на општеството и поединецот. Ограничувањата не се применуваат на информации или идеи кои се општоприфатени и сметани за безопасни или безначајни, туку и на оние кои навредуваат, шокираат или ги вознемируваат луѓето, такви се барањата на плурализмот, толеранцијата и широкоградоста без кои нема демократско општество“. Притоа наведе дека сведоците М. М., С. М. и З. С. со согласност на Јавното обвинителство во иста правна и фактичка состојба со останатите што се тука беа амнестирани, а овие лица не, со што смета дека е повредено правото од чл.14 од ЕКЧП односно овие лица се дискриминирани во остварувањето на правата и обврските на Европската конвенција, согласно членот 1 од Протоколот 12 од дополнението на ЕКЧП со оглед дека во исти фактички правни ситуации едни се помилуваат или амнестираат, а другите не. Наведе дека пред да биде донесена одлуката за вината вон секакво разумно сомнение расправниот совет мора да заклучи да секој елемент од кривичниото дело кое на обвинетиот му се става на товар е докажан вон секакво разумно сомнение, секој елемент на видот на одговорноста е докажан вон секакво разумно сомнение. Жали бидејќи во овој предмет не видел доказ кој вон

секакво разумно сомнение би укажал на тоа да е сторено кривичното дело Тероризам од чл.313 од КЗ, па во реалноста, ако се следи што се случува во меѓународната заедница посебно во Хашкиот трибунал, во конкретниот случај би била донесена ослободителна пресуда, не навлегувајќи во тоа дали има некој друг вид на одговорност, но сигурно не и Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста, а судот не е врзан за правната квалификација на делото како што е прецизиран јавниот обвинителен акт, па во конктекст на тоа остава судот да одлучи. На крај истакна дека од меѓународните документи кои непосредно се однесуваат на тероризмот посебно би ја спомнал Конвенцијата на Советот на Европа за сузбивање на тероризмот од 86-та, а потпишана 87-ма година, стапена во сила 87-ма и Протоколот кон оваа Конвенција, каде децидно и јасно се наведува што е тероризам. Протоколот е донесен 2003 година и оставен е на потпис на договорните страни. Во контекстот на наведеното, смета дека ако сакаме место во ЕУ, а како членови пратечки на Советот на Европа во обврска сме нашето законодавство да го прилагодиме кон меѓународните документи.

Бранителот на обвинетиот Александар Василевски-Нинџа, адвокат Звонко Давидовиќ во завршни зборови наведе дека Александар Василевски Нинџа е контроверзен лик кој предизвика внимание во јавноста како и многу пати до сега, човек кој во постапката како никој пред него храбро и отворено зборуваше за настаните од 27 април 2017 година, но и за настаните кои претходеа на овој немил настан поради кои сме изминативе месеци и во судница. Уште во текот на месец јуни и тоа на 14 јуни 2017 година, во Обвинителството Александар Василевски-Нинџа го дал својот исказ кој го повтори и сите го слушнаа во судницата зборувајќи слободно и искрено за настаните од 27.04.2017 година, за актерите и начинот на кој истите настани се одвиваа. Обвинителството во почетокот му понудило мерки и заштита затоа што неговиот исказ посочувал определени моќни личности и функционери, но како и многу пати досега ова Обвинителство не опстојало на својот збор. Но, Александар Василевски - Нинџа и не барал ништо кога го давал својот исказ, ниту истиот го условувал со определени привилегии за разлика од многу други луѓе кои седеле во судница, се испазариле со се што може да се испазарат за да не бидат во судницата и повеќе не се, не се затоа што зборувале она што им било кажано само и само за да го потврдат ова обвинение кое ни фактички, ни правно не е издржано. Наведе дека Обвинителството тврди и тоа во прецизираниот обвинителен акт дека 33 лица од кои сега половината амнестирани, со намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на Република М. предизвикале акт на насилство во Собранието како највисок претставнички орган на граѓаните на Република М. и носител на законодавната власт, ги загрозиле животите на пратениците, на новинарите, овластените службени лица и вработените во Собранието со што создале чувство на несигурност и страв кај граѓаните со извршување на повеќе поврзани дејствија за мобилизирање на членство на патриотски здруженија, инструирање на групата со маски и фантомки за насилно

влегување и вршење насилство во Собранието, отстранување безбедносни механизми од главната влезна врата на Собранието и насочување на толпата кон просториите со истовремено координирано неактивирање на полициските сили. Обвинителството тврди дека се почнало со повикот во 14:39 часот на Б.В., обезбедување на Н. Г. и брат на Александар Василевски - Нинџа, дека со овој повик започнала мобилизацијата на патриотските здруженија кои Нинџа заедно со другите ги мобилизирал за упад во Собранието за кое знаел дека не е соодветно обезбедено, а поради Чавков, Пешов и Лазаров и понатаму тврди Обвинителството дека Нинџа собрал група од 66 лица за насилниот упад пред и во Кафе „Дион“ дека наредил и дал пари да се набават фантомки за да ги покријат ликовите на оние кои влегуваат во Собрание и со овие дејствија на координирање и контактирање со патриотските здруженија, со давање на пари за фантомки, обвинетиот Нинџа сторил кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок. Вавите тврдења Обвинителството се обидувало да ги докаже со еден телефонски повик од Б. В. кон Александар Василевски во 14 часот и 39 минути, со една снимка пред Кафе „Дион“ и со исказите на С. и М.М. и З.С. и тоа се сите докази со кои Александар Василевски - Нинџа треба да биде огласен за виновен и осуден на долгогодишна казна затвор. Наведе дека ќе потсети дека ниту една институција не била загрозена или оневозможена во своето работење и функционирање и дека ниту еден функционер битен и клучен за функционирање на уставниот поредок не бил загрозен. Но, многу побитно од ова е, а битно и за самиот предмет и одговорноста за секој поединечно овде во судницата било прашањето дали Нинџа можел да формира умисла за напад на уставниот поредок и како тоа Обвинителството го докажувало. Истакна дека основно правило или постулат во правната наука е за секој поединечно да се утврдат границите на умислата, при што наведе дека не може, а да не се согласиме дека интелектуалните капацитети, образованието, воспитувањето и многу други фактори влијаат на структурата на личноста, а структурата на личноста, можностите, капацитетите за формирање на погледите на свет и определени поими. Наведе дека тој тврди дека обвинетите немаат ниту претстава, ниту знаат да објаснат што значи поимот уставен поредок, а камо ли да формираат умисла и напад за загрозување на истиот. Осврнувајќи се на доказите наведе дека Обвинителството во поглед на телефонскиот разговор во 14:39 помеѓу обвинетиот со неговиот брат Б. В., размислувањето на Обвинителството одело на начин дека Б. В. му звонел од Виена на својот брат А. на 27.04.2017 година, а Б. е обезбедување на Г. со него е во Виена и заклучокот бил дека Г. му наредил на Б. да му се јави на А., а овој да ја почне акцијата за напад на Собрание, па оглед дека нема содржина на разговорите помеѓу Б. и Нинџа се е во сфера на претпоставки и погодување. Истакна дека правната наука не трпи такви претпоставки туку бара докази, зашто некој би ѕвонел во 14:39 за да даде сигнал за почеток на акција која е во 18:30. Ако воопшто некој наредил акција за влез во Собрание тоа би било непосредно пред влезот во

Собранието, особено ако патриотските здруженија со месеци работеле на тоа сценарио како што тврди Обвинителството. Според него уште повеќе е сомнително што Обвинителството селективно ги покажува и коментира доказите. Во својот исказ Нинџа објасни дека секогаш кога е на пат неговиот брат, а знаејќи што работи прво му се обраќа со СМС порака. Така било и овој пат. Во 14 часот и 13 минути, а тоа го има на листинзите Нинџа испраќа порака до својот брат за да го праша дали може да се чуе, а овој 26 минути покасно и му се јавува. Во телефонскиот разговор разговараат за здравјето на нивната мајка која се лекува од рак и за детето на Нинџа кое го чека 10 години, а оваа порака Обвинителството не ја коментира затоа што истата само ја потврдува одбраната на Нинџа. Исказите на С. и М. само ја надополнувале одбраната на Нинџа дадена уште во месец јуни пред Обвинителството, кои потврдиле дека Нинџа никогаш не ги упатил кон Собранието, не им дал никакви насоки, ниту им кажал да стават фантомки. Истакна дека и З. С. како и М. и С. ја потврдиле одбраната на Нинџа и потврдиле дека истиот бил соработник во УБК и дека неговата задача била да известува за состојбата и ситуацијата во градот заедно со Н. Б., кое го потврдил и В. А., тогашен Директор на УБК кој дополнил заедно со уште еден сведок дека Нинџа во УБК се водел под кодно име „Самурај“. Наведе дека за набавката на фантомките Обвинителството како и претходно нема апсолутно ниту еден доказ освен една снимка која во завршниот збор Обвинителот ја коментирал и таа снимка е пред Кафе „Дион“ кога Александар Василевски - Нинџа гледа во пластична кеса чија што содржина не се гледа, па не му било јасно како успеало Обвинителството да утврди дека во кесата се фантомки, а не ѕиври. Истакна дека содржината на кесата никој не може да ја утврди затоа што на снимката и не се гледа, но што навистина се случувало таа вечер и каква е улогата на Александар Василевски - Нинџа кажувале неговиот исказ, исказите на М., С. и З. С.. Имено, наведе дека во еден дел во својот исказ М. М. го дава одговорот што се случило таа вечер и во чија организација, при што истиот дословно кажува како и Нинџа дека постои раскол и судир помеѓу УБК и МВР, но постои раскол и судир и внатре во МВР и трета струја се В. и С., В., сребрен командир, а С., заменик златен командир. Се повика и на Извештајот на Прибе за УБК, за разулавена без контрола тајна служба која правела што сака, која прислушкувала кого сака и која го создаде СЈО. УБК ги регрутирало овие луѓе како заморчиња, ги создало патриотските здруженија и ги контролирала и злоупотребувала за свои цели и потреби и ја осмислило и реализирало акцијата „Крвавиот четврток“. Нинџа имал задача да известува за состојбата на терен и случувањата во градот, но истиот ниту знаел ниту можел да знае што се ќе се случува и што е планирано во кујната на УБК, кај В. А., Г. Г., Н.Б. и уште неколку припадници на УБК барајќи ја умислата и намерата за ова што се случило и целта за истото, а не кај Нинџа и други кои биле злоупотребени и искористени во настаните, а заради играњето на картата на нивните национални или патриотски чувства. Побара да не се дозволи за постапките на други луѓе кои го осмислиле целокупното сценарио, а за

кое Обвинителството немало храброст, волја и желба да ги разоткрие, истите овие луѓе да одговарат за нешто што не го сториле и немале умисла, ниту намера, а Нинџа и не бил во Собрание, при што ја наведе реченицата која Нинџа ја кажал на крајот на својот исказ: „Во мигот кога Г.Г. седеше кај Прометеј во паркот и кога виде дека полицијата дејствува, му кажа на Н.Б. да ги повлече луѓето на УБК под качулки за да не страдаат бидејќи некој друг ја превзел командата". Имајќи го сево ова во предвид, побара од судот да донесе ослободителна пресуда за обвинетиот Александар Василевски - Нинџа.

Обвинетиот Митко Чавков во завршен збор наведе дека нивната теорија на случај е спротивставена на онаа изнесена од Застапникот на обвинението, се изјаснил за невин и не поднел барање за амнестија. Иако обвинет и свесен за суровата реалност дека еднаквоста на оружјето на странките во постапката ќе остане идеал кон кој уште многу години ќе се стремиме, како што ќе остане далеку достижен и идеалот за праведна постапка и право на фер судење, сепак се одлучил да даде завршен збор затоа што 30 години поминал во полицијата во спроведување на законот и смета дека и со неговото теоретско знаење и практично искуство ќе може да даде конкретен придонес во носењето на одлуката на судот за овој историски случај за целиот кривично-правен и правосуден систем и за Република М. воопшто. Како припадник на полицијата и како граѓанин не може, а да не ја потенцира неговата огорченост од случувањата на 27 април, притисоците од последиците по крвавиот настан на 27 април биле огромни, огромен и оправдан бил револтот и гневот од притисокот на јавното мислење, а огромен бил и политичкиот притисок и секако оправдано, но според негово длабоко убедување не бил оправдан фактот што Јавното обвинителство како единствен државен орган за кривично гонење не успеал да се издигне над сите тие притисоци, не успеал да обезбеди интегрален, темелен и систематски пристап во истражувањето на настаните на 27 април во нивната целина. Истакна дека вистината за настаните од 27 април е една и не може како мозаик да се склопи од парчиња, односно од многуте поединечни судски постапки против поединци и различни групи, но дека е убеден во едно, пристапот во истражувањето на овој случај, како и пристапите во минатото при тешки случаи за кои исто така имало голем јавен интерес и притисок од јавноста за разоткривање и кога на ист начин органите не успеале да се издигнат над амбиентот, ќе остави трајни и ненадоместливи штети по кредибилитетот и интегритетот на целокупниот кривично-правен систем и во однос на утврдувањето на вистината и во однос на судските одлуки и во однос на правото на фер судење. Била пропуштена уште една шанса особено во овој случај да се покаже интегритет и легитимитет во примената на законот која морала да биде неселективна и од страна на органи кои не се под политички влијанија. Големи биле очекувањата на

јавноста да се дознае вистината за настаните од 27 април, независно од самиот притисок на последиците од настанот, случајот во целина за жал добил нагласена политичка димензија. Наведе дека познати биле медиумските изјави на политичари, сега носители на власт во кои имало јавни закани насочени према него во кои бил посочуван како организатор на насилствата, познати биле и некои медиумски анализи во кои биле пласирани невистини и полувистини со кои се прејудицирало вина за него и влијаеле на формирањето на јавното мислење. Според негово длабоко уверување и според доказите кои постојат за тоа, целта била координирано влијание за формирање на јавно мислење за неговата јавна стигматизација. Кулминацијата на создавањето во значителна мерка на амбиент кој од почеток почнала негативно да се одразува во постапката за расчистување на случајот бил уште во предистражната постапка селективното објавување во некои медиуми на докази кои биле изведени и во текот на доказната постапка, така било со селективното објавување на делови од Извештај на работната група за утврдување на факти формирана во тој период во МВР, Извештај од примена на посебна истражна мерка за неговите телефонски комуникации и анализа според базни станици за неговото движење, како и селективното објавување на дел од сведочењето на заштитениот сведок. Квалификацијата на настанот како Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста на Република М. бил познат уште во мај 2017 година, определен со неодговорни изјави од актуелни политичари што кореспондирало со изјави во смисла дека Чавков ќе биде прв од ВМРО ДПМНЕ кој ќе биде уапсен. Фактите од минатото и околностите поврзани со оваа кривична постапка во значителен дел имале политички предзнак и за жал немале влијание само врз искривеното креирање на јавното мислење туку имале пресудно и целосно влијание и врз Јавното обвинителство и Застапникот на обвинението, одлучувајќи се да донесат јавно обвинителска одлука за негово процесуирање во овој случај. Смета дека од самиот почеток била доведена во прашање контрадикторноста на постапката, иако кривичната постапка од самиот почеток е контрадикторна, не му биле презентирани и предочени факти и докази од кои произлегува основаното сомневање за стореното кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста на РМ по член 313 од КЗ, што е законски императив или услов без кој не се може за едно решение за притвор да биде законито. Наведува дека потврда за политичката контаминација на овој судски предмет со што повторно бил доведен во прашање интегритетот на судската постапка и легитимитетот на органите кои постапувале е донесувањето на Законот за амнестија, од кој како што истакнал бил огорчен и Застапникот на обвинението. Судот е должен да го применува законот, но не може да се премолчи селективниот пристап во него, а воедно сериозно ја довеле во прашање правичноста на постапката независно од тоа што било покриено со закон, кој веројатно не допринел ниту за интегритетот на судската постапка, ниту за утврдување на вистината, ниту пак за легитимитетот на оние кои одлучувале по него. Со

овој закон се покажала и нееднаквоста на граѓаните пред Уставот и различната пазарна вредност на обвинетите на политичкиот пазар. Осврнувајќи се на обвинителниот акт истакна дека Застапникот на обвинението, многу површно за така сложен и комплексен случај, спровело предистражна и истражна постапка и подигнало обвинение со неоснована квалификација Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста на РМ по чен 313 од КЗ на РМ. Ако успеал да докаже нешто во овој правен случај, Застапникот на обвинението докажал само тоа што било очигледно за целата јавност, а тоа е објективниот елемент предизвикувањето на штетните последици од настанот и дејствија на извршување на поединци, но за основни кривични дела со елементи на насилство. Застапникот на обвинението со ниту еден доказ не докажал дека тој е извршител на кривично дело со пропуштање и со ниту еден доказ не докажал дека токму неговото пропуштање е кривично-правно релевантно за настапување на штетните последици и воопшто не понудил докази со кои би се докажала намера и директна умисла за извршување на кривичното дело против државата. Наведе дека посебната намера е конститутивен елемент на законското битие за да опстои оваа квалификација, што значи задолжителен елемент кој мора да се докаже, а не да се претпоставува и елемент според кој кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста на државата, се разликува од основните кривични дела со елементи на насилство и од основните кривични дела на загрозување. Со ниту еден доказ од изведените, Застапникот на обвинението не докажал директна умисла што претпоставува свесно остварување на законското битие на делото и волев однос, односно сакање на извршувањето на делото. Со правната квалификација и диспозитивот на обвинителниот акт во однос на него, Застапникот на обвинението ги покренал прашањата за соизвршителство, пропуштањето како начин на извршување на кривичното дело, намерата како субјективен и задолжителен елемент на законското битие и директната умисла. Наведе дека во диспозитивот на обвинителниот акт само со паушални квалификации во две реченици е даден опис на пропуштањето со кое наводно тој сторил кривично дело против државата. Со ист пристап, површен и паушален Застапникот на обвинението настапил и во воведните говори и во завршните зборови, притоа во двата случаи користел или злоупотребувал негови искази дадени пред Јавното обвинителство, а завршните зборови наместо со темелна анализа на изведените докази за таков сериозен и комплексен случај ги почнал и завршил со сумирање и тоа само на дел од доказите во завршните зборови обидувајки се недостатоците, површноста и тенденциите да ги прикрие со внесување на емоции, но не во анализа на доказите, заради што клучни прашања поврзани со фактите и примената на правото останале неодговорени, недокажани и останале само претпоставени. Со селективниот и површен пристап, воопшто не ги анализирал доказите поединечно и сите заедно во целина, а најмалку се обидел да ги доведе во суштинска корелација со фактичката состојба и

правните прашања кои ги покренал, дал нецелосна и неточна интерпретација само на еден мал дел од сведочења и само сегменти од неколку материјални докази, а во ниту еден момент не се осврнал на доказите кои одат во прилог на обвинетиот на што го обврзува ЗКП. Истакна дека ниту презел дејствија, ниту пак пропуштил преземање на дејствија, со намера и умисла да го загрози уставниот поредок на РМ и да предизвика насилна противуставна промена на државното уредување на РМ, што е групен и заеднички објект на кривичните дела против државата. Напротив, доказите експлицитно го потврдувале преземањето на командата со силите на терен кои биле збунети поради неодлучноста на поедини полициски службеници задолжени за планираната полициска активност на терен и кои тој ден направиле низа на пропусти, а тоа директно се одразило и на пасивноста на поедини полициски службеници што можело да се види од прикажаните снимки изведени како докази. Наведе дека согласно Законот за полиција, Директорот е функционер кој го именува Владата на РМ како што е функционер и Министерот за внатрешни работи, а БЈБ е орган во состав на МВР како што е и УБК, во случајот и двата органи во состав на Министерството со кои раководи Министерот за внатрешни работи. Директорот на Бирото за јавна безбедост е одговорен пред се за стратешко и концептуално планирање и организирање на полицијата. Директорот раководи со околу 9.500 вработени од кои околу 7500 до 8000 се полициски службеници. Со оглед на сложената и гломазна структура, организациски развиена на национално, регионално и локално ниво, македонската полиција е децентрализирана полициска организација утврдена во Законот за полиција со јасни законски разграничувања на надлежностите на стратешкото ниво, одговорност на ниво на држава за прашања од стратешка природа за полицијата, тактичко ниво кое го сочинуваат организациски структури за кои е потребен висок степен на специјализација и за извршување на сложени безбедносни задачи, етаблирани на национално ниво и одговорни за извршување на работи на целата територија на РМ, осум сектори за внатрешни работи кои пак согласно Законот за полиција непосредно се одговорни за безбедноста на законски определените географски региони, подрачја, 38 полициски станици како локално организациско ниво формирани согласно Законот за полиција во рамките на осумтте регионални сектори, 4 регионални центри за гранични работи со вкупно 20 полициски станици за гранична контрола и обезбедување на државната граница. Гломазната полициска организација ја сочинуваат повеќе од 250 организациони единици и тоа оддели, сектори, единици, одделенија и отсеци. Истакна дека прва причините за воспоставување на Републичката оперативна акција била што протестите на иницијативата „За заедничка М.“ се одвивале на територијата на сите сектори за внатрешни работи и скоро секој ден во најмалку 20, а понекогаш и во повеќе од 30 градови во државата, а втора причина била согледувањето на неколку изолирани безбедносни настани кои не биле директно поврзани со протестите на таканаречента

иницијатива „За Заедничка М.“, а за кои сметал дека можат да имаат индиректно влијание и врз природата на протестите иако според официјалните документи, протестите од првиот ден до ескалацијата на 27 април во 18:50 часот, биле апсолутно мирни и веднаш се наметнувало прашањето дали лично неговата проценка и писмена одлука за потребата од воспоставување републичка оперативна акција за организациско и функционално мобилизирање на сите полициски структури во БЈБ, значела пропуштање како што тврди Обвинителството, симулирање на спроведување на закон како што апсолутно несериозно тврди во воведниот говор или пак ја потврдува неговата проактивност како Директор, од самиот почеток на протестите. На 02.03.2017 година по негова лична иницијатива без било каков претходен писмен докумет, информација или извештај од било која организациска единица во БЈБ, одржал колегиум во кој учествувале помошниците на Директорот, колегиум кој ја претставувал стратешката група за давање задачи и координација. Истакна дека од документот Тактичка одлука И. Бр. 22.2-72/02/2017 од 02.03.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, Оддел за униформирана полиција, произлегува стратешкиот приоритет за идните полициски активности на сите организациски единици во БЈБ, а воедно се повика и на Предлог за формирање на оперативна акција, Планот на мерки и активности, Инструктивна телеграма и формирање на оперативен штаб задолжен за координација на задачите кои произлегле од задачите утврдени во предлогот за воспоставување на републичка оперативна акција, оперативен тим како подршка на републичкиот оперативен штаб и осум оперативни помошни штабови во осумте СВР. Сведокот А.Н. се согласил и потврдил дека одлуката за отварање на републичка оперативна акција, документите кои произлегле од одлуката и поставените стратешки цели за идното полициско работење биле донесени во рамките на БЈБ, а по негова иницијатива. Дека иницијативата за воспоставување на републичка акција за организирано следење на протестите со засилени полициски активности како стратешки приоритет била произлезена од него сведочеле и сведоците И.В., Началник на СВР С., Г.Ѓ., Началник на ЦПС и член на оперативниот штаб, Т. А., Началник на Единица за јавен ред и мир. Со оперативната акција „Платформа“ се давале задачи речиси на сите вработени во Министерството да се насочат на проактивно работење и прибирање на сознанија се со цел успешно справување со протестите кои се одржувале, со тоа што напомена дека тие акти биле одобрени и потпишани од МВР. Врз основа на спомenатиот иницијален акт Тактичка одлука И. Бр. 22.2-72/02/2017 од 02.03.2017 година на МВР произлегле клучните документи со кои не само што биле поставени стратешките цели за идното приоритетно и планирано полициско работење, туку и подигање на оперативното ниво на работа на сите организациски единици во БЈБ, и тоа: Предлог за воспоставување републичка оперативна акција И.бр. 22.2-69/02/17 од 02.03.2017 година на МВР на РМ, БЈБ Оддел за униформирана полиција, План за мерки и активности И.бр. 22.02-70/02/17 од 02.03.2017 година на МВР на РМ, БЈБ,

План за проценка и управување на ризикот бр.22.04-733 од 02.03.2017 година на МВР на РМ, БЈБ Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа и Телеграма со инструкции за постапување по оперативната акција „Платформа“ И.бр. 22.02-23 од 03.03.2017 година, доставена до раководителите на сите организациски единици кои биле вклучени во спроведувањето на активностите поврзани со обезбедување на протестите кои се организирале од страна на таканаречената граѓанска иницијатива „За Заедничка М.“. Со посочените докази кои произлегувале од неговата иницијатива и Тактичка одлука И бр 22.2-72/02/2017 од 02.03.2017 година на МВР, всушност се дала наредба за максимално подигање на оперативното ниво на целокупната полициска структура на сите нивоа на полициска организација со вклучување на сите организациски единици од национално до локално ниво и наредба за насочување на нивното работење кон обезбедување на поволна безбедносна состојба за време на протестите на таканаречената иницијатива „За заедничка М.“ кои иако биле мирни, сепак се одвивале низ целата територија на РМ, што значи дека со наведените документи го утврдил стратешкиот и прв приоритет за сите организациски единици кои биле вклучени во обезбедувањето на протестите за сметка на тековните полициски активности. Со Предлогот за воспоставување на републичка оперативна акција, образложени биле причините за воспоставување на акцијата и определени биле организациските единици кои треба да постапуваат, и тоа: Оддел за униформирана полиција, Оддел за криминалистичка полиција, ОКРА, Централните полициски служби и сите СВР при БЈБ, определени биле и други организациски единици во МВР надвор од БЈБ и тоа Управата за безбедност и контраразознавање, Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и формиран бил Оперативен штаб на чело со заменик Директорот Б. Д.. Со погоре посочениот План за мерки и активности, определени биле полициските службеници за спроведување на мерките и активностите од планот, определени биле организациските единици кои ќе учествуваат во спроведувањето на мерките и активностите, формирање на оперативен штаб и оперативен тим и утврден бил ланецот на команда и контрола со назначување на златна, сребрена и бронзена команда. По негово лично барање изготвен бил План за проценка и управување на ризикот БР 22.04-733 од 02.03.2017 година, МВР на РМ, БЈБ, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа. Наведе дека со Телеграма И.бр. 22.02-23 од 03.03.2017 година обезбедено било целосно мобилизирање и подигање на оперативното ниво на работа на сите организациони единици вклучени во обезбедувањето на протестите, како што било обезбедено и документирање на сите полициски активности поврзани со обезбедување на протестите што е една од клучните стратешки задачи на Директорот на БЈБ, при што се осврна на неколку точки од истата. Покрај Инструктивната телеграма со која покрај другото се обезбедувало документирање на полициските активности во врска со

републичката оперативна акција, истото се обезбедувало и со Записници за активности во оперативен штаб по ОА ,,Платформа". Наведе дека цитираните докази кои произлегувале од него лично го одразувале неговиот проактивен пристап во организирањето на полицијата и во мобилизирањето на полицијата согласно новонастаната состојба со протести на територијата на цела држав. Доказ за неговите иницијативи и цели со воспоставувањето на републичката оперативна акција „Платформа“ може да се видат и во дел од заклучоците од Извештајот на работната група за утврдување на фактичката состојба на настанот на 27.04.2017 година во Собранието на РМ. Појасни дека во формулирањето на стратешките приоритети и други стратешки прашања поврзани со работата на бирото и прашања поврзани со координација со организациските единици на централно и регионално ниво, директорот на БЈБ има помошник директор кој раководи со Одделот за полиција, помошник директор кој раководи со Одделот за криминалистичка полиција, помошник директор кој раководи со ОКРА, помошник директор кој раководи со Секторот за стратешко планирање, контрола и квалитет и помошник директор кој раководи со Одделот за општи и заеднички работи и управување со човечки ресурси, а тие биле и членови на републичкиот оперативен штаб и имале екплицитни надлежности во координацијата со сите организациони единици вклучени во реализација на задачите кои произлегуваат од Републичката оперативна акција „Платформа“ како приоритетна и планирана полициска активност. Истакна дека во член 15 од Законот за полиција такстативно се наведени надлежностите на БЈВ и на Директорот, а во член 17 и член 18 се регулирани организциските облици и надлежностите кои ги имаат на централно или државно ниво, организациските единици за кои е потребен висок степен на специјализација за извршување на одредени специфични и сложени задачи за целата територија на РМ, кои според духот на законот и реформите се самостојни во извршувањето на своите надлежности од тактичка природа, но во рамките на приоритетите кои ги поставува директорот на БЈБ, а релевантни организациски единици од наведениот член за предметната судска постапка се ОСПО и ОЗОЛО. Наведе дека не е во надлежност на Директорот да се меша во носење на одлуки од тактичка природа токму затоа што се самостојни во извршување на нивните работни задачи кои произлегуваат од нивните надлежности како организациски единици вклучени во процесот на планираната полициска активност со републичката оперативна акција „Платформа“. Појасни дека Директорот на БЈБ е должен да ги утврди приоритетите, да наметне контрола врз реализацијата на приоритетите преку помошниците директори и началникот на ЦПС кои за таа цел биле членови на републичкиот оперативен штаб за акцијата, да наметне документирање на процесот на донесување на одлуки што било реализирано, а тие во рамки на нивните надлежности ја разработуваат организацијата и тактиката за спроведување на задачите кои ги имаат во случајот и во рамките на оперативната акција. Притоа го посочи Планот за вонредно, внатрешно и

надворешно физичко обезбедување на објектот на Собранието на РМ рег. број 23.2.53/1-42, со кој план постапено било по насоките од Инструктивната телеграма и направена била безбедносна проценка на објектот и просторот на кој се врши обезбедувањето, бројот на полициски службеници при вонредно внатрешно и надворешно физичко обезбедување на објектот на Собранието на РМ и проценка на ризици по безбедноста на објектот, начин на вршење на обезбедувањето, конкретни задачи за полициските службеници кои го вршат вонредното обезбедување, вооружување и опрема на униформираните полициски службеници, начин на регулирање на сообраќајот, начин на одржување на врски во објектот и со другите надлежни служби во МВР, евакуација и спасување и време на отпочнување и завршување на вонредното обезбедување. Одговорниот полициски службеник за внатрешно обезбедување бил должен доследно да се придржува на проекциите утврдени во споменатиот план за вонредно обезбедување, а кои се однесуваат и на безбедносната проценка и на бројот на полициски службеници и на начинот на вршење на обезбедувањето и конкретните задачи за полициските службеници, а при тоа Законот за Собрание и Упатството за внатрешен ред го упатува на Генералниот секретар на Собранието. Истакна дека во наведениот план и во Анекс планот за реализација ЕВ.бр. 23.2.1-01/11-1 од 09.03.2017 година, конкретно прецизно се опфатени сите аспекти за вонредно обезбедување на објектот. Ниту раководителот на оперативниот штаб, ниту членовите на истиот, ниту златната команда не можела да се меша во тактичките одлуки кои се однесуваат на безбедносната проценка, на проектираниот број на извршители за засилено обезбедување, на начинот на постапување како и на самата координација во рамките на ОЗОЛО. Околу распоредите за дневно планирање преку изготвување на дневни планови, надлежноста била исклучиво на командантите на Единиците во рамките на ОСПО кои се предлагачи на овој план. Пропустите за реализацијата на задачите од План за ангажирање на единиците од Оддел за специјални полициски операции за обезбедување на објектот на Собранието на РМ, СД бр 23.4-30/1 од 10.03.2017 година, кои ги констатирала работната група во Извештај за утврдување на фактичката состојба на настанот на 27.04.2017 година во Собранието на РМ, заклучувајќи дека имало одредени пропусти, Обвинителството не може за пропустите во постапувањето на поедини полициски службеници од Оддел за заштита на определени личности и објекти и Оддел за специјални полициски операции распоредени на 27 април за обезбедување на Собранието, да го импутира како објективна одговорност на него како Директор на БЈБ како носител на златна команда. Надлежностите и одговорностите на златната команда биле стратешки и златната команда не се меша во носењето во тактичките одлуки на лице место. Истакна дека не се точни наводите на Застапникот на обвинението дека тој како Директор на БЈБ спротивно на член 20 од Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрала во процесот на водење на полициски

работи не издал наредби за ангажирање на полициско обезбедување по барањата на овластени службени лица за ангажирање на дополнителни полициски сили за обезбедување и заштита на Собранието однадвор и одвнатре иако континуирано го известувале дека животот на пратениците, новинарите, вработените во службите на Собранието и овластени службени лица е загрозен и не ја извршил наредбата за ангажирање на посебните единици на тогашниот Министер за внатрешни работи и не дал одобрување и наредба за ангажирање на посебните и специјалните единици. По ескалацијата на настаните која за нив била брза и неочекувана со оглед на дотогаш мирните протести се до 18:30 часот, прва и основна задача била брза консолидација на силите на терен, отпочнување со интервенција за заштита на влезните врати од надвор и отпочнување со интервенција внатре во Собранието по отварањето на влезните врати од внатре и влегувањето на толпата внатре во Собранието. Но, во исто време заради неопходноста од брза реакција прво се направиле напори да се обезбедат дополнителни сили кои биле на располагање, односно во базата на Единицата за брзо распоредување и Единицата за специјални задачи и кои требало да се приклучат на интервенцијата која во континуитет траела од прескокнувањето на заштитната ограда. Се осврна на исказот на сведокот Г. Ѓ. кој посочил дека по негово барање обвинетиот обезбедил полициски службеници од внатрешното обезбедување од Владата на РМ да се приклучат на внатрешното обезбедување во Собранието, додека сведокот В. Н., сведочел дека во 19:00:03 обвинетиот дал наредба со сите расположливи сили да интервенираат во Собрание и да се пробијат силите до Прес салата за заштита на нападнатите пратеници, новинари и полициски службеници. Посочи дека околу 19:10 часот му издал наредба на Митко Пешов, додека трае интервенцијата внатре во Собрание да обезбеди дополнителни сили и наредба штом бидат подготвени веднаш да се приклучат кон интервенцијата која била во тек под раководство на лице место од В. Н., а во 19:40, Б. Т. ги упатил да се приклучат дополнителни сили од посебната единица на полициските службеници од ЕБР кои веќе интервенирале во Собранието пробивајќи се кон сала три. Засилувањето со два тима од ПЕП и ЕСЗ само се приклучиле на интервенцијата, а клучно за интервенцијата во сала 3 била одлучната и енергична реакција со постојните сили со примена на средства за присилба, а тоа го наложува и овозможува Законот за полиција. Се повика на членовите 20, 21, 22 и 23 од Законот за полиција при што нагласи дека и началникот на СВР и командирите на полициските станици од општа надлежност ги назначува Министерот за внатрешни работи, па оттаму наведе дека сака да ја потенцира улогата, важноста на Министерот за внатрешни работи во рамките на Законот за полиција. Во врска со Упатсвото за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (златна, сребрена и бронзена команда) истакна дека истото нема сила на правен акт, туку претставува организациска

процедура за имплементација и операционализација на одредени одредби од Законот за полиција, а притоа се повика на член 7, во кој е наведено кои се надлежностите на Златната команда. Нагласи дека во чл.8 се набројани надлежностите на Сребрената команда, а чл.9 се однесува на надлежностите на Бронзената команда. Наведе дека сребрената и бронзената команда од Упатството, во врска со републичката оперативна акција ,,Платформа" се однесувале на надлежностите на СВР С. во врска со обезбедување на Собранието и претставуваат организациски структури за операционализација на надлежностите утврдени во Законот за полиција. Објасни дека Законот за полиција во член 91, 91-а и 91-б став 4 ги утврдува средствата за присилба спрема група и тоа физичка сила, полициска палка, потиснување на толпа до употреба на пиротехничко-експлозивни средства, со светлосен, звучен и чаден ефект заради воспоставување на нарушени јавен ред и мир и извлекување на лица од затворен простор. Законот предвидува дека тие средства можат да се употребат со оглед на околностите на лице место само по наредба на полицискиот службеник кој ја раководи акцијата, во конкретниот случај сведокот З. С., назначен со Анекс план за мерки и активности Д.бр.28-156/1 од 25.04.2017 година, С. 26.04.2017 година, кој според Оперативниот план и Инструктивната телеграма требало и да го изготви Оперативниот план за мерки и активности за 27 април. Без оглед на тоа дека тие средства можат да се употребат практично и без наредба од Директорот на БЈБ, сепак проценил дека постои неодлучност и конфузија во давањето на наредби, затоа потенцира дека сите наредби во врска со примена на тие средства биле издадени лично од него. Со оглед на неодлучноста и неенергичноста на одговорниот полициски службеник за полициската активност согласно Законот за полиција член 91-б и оперативниот план за тој ден за соодветен тактички одговор, како и поради отежителните околности создадени дополнително со отварањето на вратите во Собранието од двајца пратеници, од примарно значење било во ситуација на отсуство на издавање на наредби и енергичност од полицискиот службеник кој согласно член 91-б раководел со акцијата на терен, да се изврши консолидација на полициските сили на терен, тогаш го прекршил Законот за полиција и упатствата како Директор и во 18:50 часот ја превзел директната команда со силите преку дополнително обезбедениот старешина од ЕБР В. Н., помошник командант на ЕБР, го обезбедиле на лице место пред насилниот влез во Собранието, односно пред да бидат отворени вратите на Собранието и почнал да му издава наредби за интервенција на полицијата, во континуитет до влегувањето во штабот во МВР се до воспоставување на состојбата што било потврдено од повеќе докази изведени во доказната постапка, а притоа повторно се повика на исказот на сведокот В. Н.. Смета дека доказите покажале дека, во рамките на републичката оперативна акција „Платформа", ОСПО, ОЗОЛО и секторите за внатрешни работи задолжени биле со Оперативниот план за мерки и активности и Телеграмата со инструкции за постапување по ОА „Платформа“ на дневна

основа за секој јавен собир да изготвуваат оперативни планови за реализација во кои ќе бидат предвидени оперативно тактички мерки и активности, сите побарувања за ангажирање на дополнителни полициски сили од други СВР за потребите на СВР во зависност од извршената проценка на ризик на СВР ќе се координират преку Одделот за униформирана полиција. Наведе дека СВР согласно потребите и извршените проценки на ризик потребно било навремено да доставуваат барања до ЦПС за ангажирање на полициски службеници од ОСПО. Врз основа на наредбите во посочените документи како докази за 27 април СВР С. изготвиле Анекс план за мерки и активности Д.бр.28-156/1 од 25.04.2017 година, С. 26.04.2017 година од кој се видело дека помошникот началник на Единицата за јавен ред и мир З. С. е назначен за одговорен полициски старешина, тој е помошник началник на началникот на Единицата за јавен ред и мир, формирана и обучена за такви безбедносни настани, како и неговиот помошник Љ. Е., главен инспектор од СВР С.. Подрачјето околу Собранието го поделиле на 4 сектори, при што назначиле одговорен за секој сектор и потсектори исто со одговорни, а вкупно предвиделе 201 полициски службеник. За истиот ден, по претходно барање од началникот на СВР С. обезбедени биле 2 вода од ЕБР што значи предвидените сили според планот од СВР и двата вода од ЕБР биле планирани околу 201 полициски службеници од кои два вода се од ЕБР, три тима од Единицата за прв одговор „Алфи“, дополнително на таа бројка ако се додадат полициските службеници кои што биле одговорни за внатрешното и надворешното обезбедување на Собранието планирани според планот на ОЗОЛО, вкупно 76 полициски службеници, што значи согласно плановите за обезбедување на протестите тој ден биле планирани севкупно околу 270 полициски службеници. Истакна дека на 24 април од СВР С. до него било доставено барање за обезбедување на 50 полициски службеници од други СВР за активности на 27 април, на 25-ти тој доставил Телеграма до СВР О. и СВР Т. за ангажирање на 30 полициски службеници од СВР О. и 20 од СВР Т. за потребите на СВР С., но на 26-ти СВР С. доставило известување со кое го повлекло барањето за дополнителни сили согласно нивните проценки, Барање Рег. Бр. 28-3902/1 од 24.04.2017 година, Телеграма број 22.2-49 од 25.04.2017 година до началниците на сите СВР за обезбедување на 50 полициски службеници за потребите на СВР С., доставена и потпишана од него и Известување број 28-3902/2 од 26.04.2017 година, со кое се повлекува претходното барање за 50 полициски службеници. Обвинетиот се повика и на исказот на сведокот Т. А. кој навел дека СВР согласно информациите со кои располагаат самостојно ги планираат ресурсите за спроведување на полициските активности поврзани со јавниот собир, побарува дополнителни сили преку нивниот оддел кои понатаму се одобруваат од раководителот на Оперативниот шаб и доколку оперативниот штаб има било какво сознание со кое во моментот располага должност е да се пренесе на надлежниот сектор за кого се однесува, а на полициските сили што се непосредно ангажирани на терен, приоритетно можат да им

помогнат полицајци од СВР С. и полицајци од ОСПО. Воедно се осврна и на исказите на сведоците Ѓ. С. и М. П., па наведе дека очигледно е дека СВР С. носеле одлуки без претходна координација со него. Погрешните проценки или поточно неодлучноста на поединци на терен, не можела да се препише како објективна одговорност на него како раководител на републичкиот оперативен штаб со стратешки надлежности. Истакна дека уште во 18:50 часот директно го превзел раководењето и командувањето со цел консолидација на силите на терен и раководење со интервенцијата за воспоставување на нарушената безбедносна состојба во и надвор од Собранието. Наведе дека од доказите може да се утврди и дека за 1 час и 25 минути успеале да интервенираат во сала 3, да ги дислоцираат пратениците во безбедни простории и во континуитет да продолжат со евакуација на пратениците од Собранието, пред се повредените па после и останатите, се до целосно воспоставување на состојбата во и околу Собранието. За контактите на 27 април се обидел да направи временска рамка за целокупната комуникација поврзана со настаните на 27 април врз основа на Извештајот за остварени телефонски комуникации и вербалните докази кои кореспондираат едни со други, изведени како докази. Објасни дека во временскиот период додека интензивно комуницирал во врска со раководењето со акцијата за воспоставување на состојбата во Собранието, не само со А.Н. туку дополнително после завршувањето на акцијата некаде пред полноќ видел дека има многу или повеќе од 50 пропуштени повици од различни субјекти и лица. Тој всушност не се јавувал од моментот на прескокнувањето на заштитната ограда, па се до целосно завршување на

акцијата за воспоставување на безбедносната состојба во и околу Собранието бидејќи бил во скоро непрекината комуникација со полициските службеници на директна или Вибер комуникација преку кои раководел со акцијата. Кога стигнал во Оперативниот штаб само продолжил со раководење со акцијата и со усни наредби кои биле пренесувани преку радио врска, но и телефонски директни контакти, излегол од неговите стратешки надлежности и се впуштил во командување кога стекнал впечаток за неодлучност и неенергичност во командувањето особено при првата реакција и збунетоста која настанала по отварањето на вратите во Собранието што било неочекувана и отежителна околност за попречување на насилниот влез во Собранието. Душко Лазаров, околу 18:20, преку СМС го информирал дека е делувано на заштитната ограда со тресење, но тоа било краткотрајно бидејќи учесниците на протестите се повлекле, за што сведочел и И. В.. Во врска со контактите со Г. Ѓ., истакна дека по негова иницијатива имало повеќе обиди за воспоставување комуникација во кои сосема на кратко го известувал за тензиите внатре во Собранието, за потребата од засилување, за изборот на Т. Џ. за Претседател и за притисокот пред вратите на Собранието, тие обиди и кратки комуникации почнале од 18:20:33 и продолжиле во 18:26:57, 18:27:27, 18:50:29, 18:50:29, 18:56:41. Откога го обезбедиле помошникот на командантот на ЕБР пред

Собранието, В. Н. го побарал во 18:50:14, но не успеал да го добие. Во 18:50:40 часот Влатко Наумовски го барал му дал насоки да ја превземе командата на лице место, а во 18:54:51 го барал Г. Ѓ – З. и го добил, па на негово барање била испратена помош. Воедно истиот се повика и цитираше искази на сведоци за негово ангажирање. Наведе дека токму неговата енергичност и одлучност за употреба на шок бомби во затворен простор допринела да се спасат човечки животи. Истакна дека од 18:50 до 19:20 остварувал Вибер комуникација со Митко Пешов на негова иницијатива околу ангажирање на дополнителни сили при што му издавал наредба штом ќе бидат подготвени да се упатат во Собранието, за што Митко Пешов сведочел во својата одбрана. Во меѓувреме остварил и други контакти, а во 19:56:58 го барал И. В. кого го известил дека се превземаат мерки за интервенција и дека чекаат пристигнување на дополнителни полициски сили кои биле обезбедени од ПЕП и од ЕСЗ. Преку Вибер комуникација со Митко Пешов и Г. Ѓ. цело време интензивно комуницирал за пристигнувањето на дополнителните полициски сили. Истакна дека од анализата на доказите очигледни биле неговите напори да ги консолидира сите сили, од старешини до силите на терен и затоа на негова иницијатива го барал Г. Ѓ.. По пристигнување во штабот продолжил со издавање на конкретни, експлицитни и енергични наредби се до целосно воспоставување на состојбата во и околу Собранието на РМ што било очигледно од анализата на содржината на записникот од 27 април и сведочењата на сведоците на обвинението. Наредбата за ангажирање на целокупниот состав на ЕБР и ЕСЗ била превентивно заради информациите за движење на групи према С. и према Собранието што не се потврдило. Осврнувајќи се на исказот на сведокот С.Т. истакна дека истиот кажал дека околу 20:00 часот во просториите стигнал Директорот на БЈБ и во тој момент веднаш од страна на Директорот на БЈБ се пристапи кон превземање на мерки и активности за безбедна евакуација на пратениците. За клучната улога во командувањето со интервенцијата, сведочел и Н. Т. кој кажал дека кратко време откако тој се слушнал со него интервенирала полицијата после што почнала акција за извлекување на С. од задниот влез. Наведе дека во Записникот за активности во ОШ по ОА ,,Платформа" за ден 27.04.2017 година ЕВ.бр 22.4-2054 од 28.04.2018 година С., од МВР, БЈБ, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа од самото доаѓање во Оперативниот штаб се гледал континуитетот во раководењето со полициските сили за воспоставување на состојбата во Собранието притоа во истиот биле нотирани повеќе експлицитни наредби за неговите активности. Нагласи дека за да опстои една таква квалификација или за да му се импутира обвинение за такво кривично дело потребно е да докаже надвор од разумно сомнение намера за извршување на кривичното дело, а не да ја претпоставува бидејќи намерата е конститутивен елемент на законското бите на кривичното дело за кое го обвинува. Законското битие на предметното кривично дело предвидува многу конкретни дејствија на извршување, предвидува директна умисла и на крај за ова кривично дело се казнуваат и самите

подготвителни дејствија. Од анализата на поединечните докази и сите заедно во кохерентна целина само се потврдувала неговата клучна улога во спречувањето на уште потешки последици на 27 април од оние кои се случиле. Наведе дека раководителот на оперативниот штаб и на промената која се случила со Анекс план И. Бр. 22.2-83 од 08-03-2017 година и тоа по барање и на А. Н. и на Б. Д., кои секојдневно барале и инсистирале тоа да се случи што од оваа временска дистанца го гледал како класично избегнување на било каква одговорност која кога тогаш ќе се докажела, а можеби и креирање на класична конструкција за негова дискредитација, веројатно координирано на некои други нивоа. Од оваа временска дистанца било сосема јасно калкуланството, неодлучноста и избегнувањето на одговорност на еден дел од вклучените старешини на различни нивоа на активности тргнувајки од замениците на раководителот на републичкиот оперативен штаб, на дел од членовите кои биле ангажирани во рамките на оперативните штабови, оперативните тимови на републичко и дел од членовите на регионално ниво во СВР С. и особено на одговорните за спроведување на полициската активност, конкретно на 27 април кои раководеле со акцијата на терен. Но, очигледно нивната улога била сведена на информирање, а не на раководење и давање наредби за примена на овластувања. Според него апсурдно било тврдењето за соизвршителство при вршење на најтешко кривично дело против државата, со несторување, кривично дело за кое се бара превземање на конкретни дејствија такстативно опишани во законското битие, кривично дело за кое се бара посебна намера како конститутивен елемент на законското битие и на крај се бара директна умисла. Воедно во поглед на исказот на зашитениот сведок С1 истакна дека биле изнесени ноторни лаги според очигледно претходно насочување на сведокот. Јане Ченто воопшто не го познавал се до отпочнување на судската постапка, а не го познавал ниту Нинџа. Наведе дека не е точно дека испратил порака на Н. Г., која порака потоа била препратена на Т. В., а лицето П. К. не го познавал. Импутирањето наводна одговорност за најтешко кривично дело против државата го разбирал единствено во контекст на неговиот бескомпромисен професионален пристап во извршувањето на работните задачи во околности на правна несигурност, која во континуитет ја создавале политичките елити од осамостојувањето на РМ до денес, а и во иднина. Настаните од 27 април ги сметал не само како пораз за демократските, политичките и институционалните капацитети на државата, пораз на сите политичари кои учествувале во генерирањето и продлабочувањето на кризата, туку и за негов личен пораз како Директор на полицијата. Тоа чувство на пораженост го платил со трајно нарушување на здравствената состојба. Но, непобитен бил фактот, длабоката политичка криза од 2014 година која ескалирала на 27 април 2017 година, не ја генерирала полицијата, а полицјата и тој како Директор успеале да придонесат целиот тек на длабоката политичка криза особено од летото 2015 година да заврши без една жртва иако во континуитет имало потенцијал за таков завршеток, успеале да се справат на начин различен

од минатото кога во услови на политички кризи полицијата акциите ги завршувала скоро без исклучок со жртви.  Полицијата била таа која успеала по брзата консолидација, со енергична акција во исклучително тешки околности за интервенција во затворен простор да ја воспостави безбедносната состојба во и околу Собранието. Застапникот на обвинението не успеал да докаже ниту еден елемент од законското битие на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста на РМ. Оваа квалификација не можела како таква да опстои, ниту пак ќе успеел Застапникот на обвинението било кого да убеди дека тој е терорист. Истакна дека со ниту еден доказ Застапникот на обвинението не докажал ниту еден елемент од законското битие на кривичното дело, особено не докажал дека неговото поведение било извршување на било какво кривично дело со несторување, затоа што од доказите воопшто очигледна била неговата проактивност и активно раководење со интервенцијата. Несторувањето како начин на извршување на кривичното дело иако со ниту еден доказ не се потврдило, само по себе било невозможно во извршување на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста на РМ, комисивно кривично дело, со експлицитно опишани дејствија на извршување. Наведе дека е сигурен дека судот е свесен дека доколку би се прифатила тезата на Обвинителството за било какво пропуштање сериозно би се нарушил принципот на законитост и во основа правната сигурност. Врз основа на анализата на сите докази и правилна оценка, наведе дека очекува судот да донесе ослободителна пресуда за него.

Обвинетиот Митко Пешов во завршен збор наведе дека на 27.04.2017 година се случил немил настан, настан кој што оставил траги на сите, настан кој за жал оставил црно петно на општествено политичкиот живот во РМ. Снимките и сликите од тој за жал крвав ден кои сите ги гледале во медиумите деновите после настанот, како и снимките кои се гледале за време на оваа постапка, но и сведочењата на дел од сведоците него лично длабоко го потресле и му внеле немир во душата наметнувајќи му го секогаш одново и одново прашањето, дали можело да се спречи, дали тој ден можело да се направи нешто повеќе. Тогаш не знаел воопшто што се случувало во Собранието пред упадот на народот во Собранието, а од неговото доаѓање од К. во С., па се до доаѓањето во Оперативниот штаб, единствени и тоа сегментирани информации добивал само од В. Н. кој според неговото кажување после настанот, но и во сведочењето пред овој суд кажал дека и самиот тој до 20:00 часот бил надвор од Собранието, при што истакна дека до 20:00 часот и тој не знаел што се случува внатре во Собранието и дека не знаел дека има нападнати пратеници. Напомена дека во оваа постапка Јавното обвинителство го товари дека на 27.04.2017 година за време на одржување на Конститутивната седница на Собранието на РМ заедно со останатите обвинети со намера да го загрози уставниот поредок и безбедноста на РМ, да оневозможи и спречи избор на Претседател на Собранието, предизвикал акт на насилство во Собранието на РМ, ги загрозил животите на пратениците, новинарите,

овластените службени лица и вработените во Собранието на РМ, а истото го сторил со неиздавање на наредба за повикување на дополнителни сили од специјалните единици, односно со неактивирање на полициските сили и тоа го сторил заедно со обвинетиот Душко Лазаров, член на Оперативниот штаб и со обвинетиот Митко Чавков, Директор на БЈБ и раководител на Оперативниот штаб со златна команда, односно дека со неиздавање наредби за распоредување на дополнителни полициски сили за надворешно и внатрешно обезбедување на Собранието овозможил непречено да се влезе во Собранието за да се оствари целта на насилниот упад, со што наводно постапил спротивно на член 20 од Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (Златна, Сребрена и Бронзена команда), односно дека не ја извршил наредбата за ангажирање на посебните и специјални единици на тогашниот Министер за внатрешни работи, сведокот А. Н.. Тој не можел да спречи или оневозможи избор на Претседател на Собрание од причина што тој се до неговото доаѓање во ОШ во МВР околу 20:15 часот воопшто не знаел дека во Собранието на РМ бил направен избор на Претседател, ниту пак од некого претходно бил за тоа информиран. Погрешно било тврдењето на Јавното обвинителство дека делото го сторил со неиздавање на наредби за распоредување на дополнителни полициски сили за внатрешно и надворешно обезбедување на Собранието, затоа што со внимателна анализа на Анекс на предлогот за воспоставување на оперативната акција И. бр.22.2-82 од 08.03.2017 година, јасно и недвосмислено може да се утврди дека тој не е дел од воспоставениот команден протокол за оваа ОА, односно не е носител ниту на златна ниту на сребрена команда и согласно истиот е определен како член на Оперативниот тим заедно со уште 36 други вработени службеници во МВР. Во наведениот Анекс на предлогот за воспоставување на оперативната акција не биле утврдени надлежностите и обврските на членовите на оперативниот тим бидејќи вакво тело не било предвидено ниту во законските и подзаконските акти на МВР, а истото е формирано како помошно тело на Оперативниот штаб поради потребата за ротација на дневна основа и очекувањата дека јавните собири ќе траат подолг период. Напомена дека овластувањата и обврските на носителите на златна и сребрена команда се јасно утврдени во членовите 4, 5, 6, 7 и 8 од Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (Златна, Сребрена и Бронзена команда), бр.22.5-74918/1 од 22.11.2013 година. Во Планот за мерки и активности И.бр.22.2-70/02/2017 од 02.03.2017 година, во делот Предлог на мерки и активности кои треба да се спроведат стои дека согласно потребите и извршените проценки на ризик на секторите за внатрешни работи, во конкретниот случај Секторот за внатрешни работи С. потребно е навремено да се изготвуваат и доставуваат барања до Централните полициски служби за ангажирање на

ОСПО, а началник на ЦПС бил сведокот Г. Ѓ. кој бил носител на сребрена команда и бил член на Оперативниот штаб. Појасни дека согласно Анексот на предлогот за воспоставување на оперативната акција сребрена команда по географска област биле началниците на Секторите за внатрешните работи, а тоа бил сведокот И. В., Началник на СВР С.. Сребрени командири биле и Помошник директорот во ОУП С. С., Помошник директорот во ОКП М. Н. и Помошник директорот во ОКРА А. Т., а потоа таксативно се наведени како сребрени командири началниците на сите сектори за внатрешни работи при МВР на РМ. Наведените сребрени командири од реден број 1 заклучно со реден број 4 се сребрени командири со функционална одговорност секој во својата област и надлежност, поради што сведокот Г. Ѓ. е тој што е функционално одговорен и надлежен за активирање на посебните и специјалните единици кои потпаѓаат под ОСПО. Член на штабот бил и Помошникот началник на ЦПС задолжен за директно раководење со ОСПО С. М.. Согласно член 20 и 23 од Упатството јасно е дефинирана надлежноста и начинот за ангажирање на посебните и специјалните единици кои се во рамки на ОСПО. Согласно наведеното, но и согласно изјавите на сведоците Б.Т., М.П., Г.Ѓ., дадени на главна расправа, но и од изјавите на сведоците Т.А. и Ѓ.С., јасно и недвосмислено се утврди дека тој немал овластување за издавање на наредба за повикување и испраќање на дополнителни полициски сили. Имено, дополнителни сили биле испратени во Собранието првиот момент кога истите биле подготвени за испраќање и тоа оние кои во тој момент се наоѓале на работа, а за истото претходно биле запознати сите лица овластени за издавање на наредба и тоа Министерот А.Н., Директорот на БЈБ Митко Чавков, Началникот на ЦПС Г.Ѓ. и Помошникот началник на ЦПС С. М.. Потенцираше дека кога од Сашо Митевски добил одобрување за нивно испраќање и тоа во 19:39 првите сили два тима, 26 припадници од ПЕП биле веднаш упатени во Собранието, а потоа во Собранието бил упатен и тим од ЕСЗ и тоа по директна наредба по СМС во 20:00 часот од Директорот на БЈБ обвинетиот Митко Чавков. По ова на негово барање и добивање на одобрување од Началникот на ЦПС сведокот Г. Ѓ. околу 20:10 часот биле активирани комплет единиците кои се под ОСПО и тоа Единицата за брзо распоредување ЕБР, Единицата за специјални задачи „Тигар“ ЕСЗ и Единицата за обука и подршка ЕОП-ПЕП, за кои исто така од негова страна на нивните команданти околу 19:00 часот им биле дадени наредби за повикување на одговорните старешини на работа за анимирање и подготовка за ангажирање и повикување на целокупниот состав на единиците на работа, со што било скратено потребното време за повикување и доаѓање на сите припадници на работа и нивно ангажирање за интервенција во Собранието на РМ. Тоа јасно може да се утврди и од анализата на телефонска комуникација КОИМ бр.19/17 која како доказ е предложена и изведена од страна на Јавното обвинителство, но и од изјавите на сведоците М. П., Б. Т. и Г. Ѓ. дадени на главната расправа. Во контекст на наведеното напомена дека за конкретната активност за ден

27.04.2017 година од страна на СВР С. преку кабинетот на Директорот на БЈБ до ЦПС било доставено писмено барање СД.бр. 28-155/1 од 26.04.2017 година, со кое за обезбедување на протестот пред Собрание за ден 27.04.2017 година биле побарани два вода од посебните и специјалните единици, кое од страна на Началникот на ЦПС сведокот Г. Ѓ. било одобрено и по истото во целост постапено така што два вода од ЕБР со одговорен старешина, командир на чета биле дадени на располагање на СВР С.. Наведе дека Јавното обвинителство тврди дека делото за кое го товари го сторил на начин што не постапил по наредбата на тогашниот Министер за внатрешни работи А. Н. што апсолутно не било точно ниту потврдено од доказите изведени на главната расправа. Истакна дека од анализата на телефонска комуникација КОИМ бр.19/17 која е доставена како доказ од Обвинителството точно било дека во временскиот период од 19:00 до 20:10 часот тој остварил 4-5 телефонски разговори со Министерот и тоа првиот нивни контакт бил во 19:08:33, потоа имал контакти во 19:12:39, 19:22:54, 19:53:07 како и во 20:05:51. Појасни дека тој од Министерот А. Н. не добил наредба за повикување на дополнителни сили од дома, што и самиот Министер Н. кој кажал дека со него без проблем успеал да воспостави контакт и да комуницира. Истакна дека се потврди и од Записникот за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 27.04.2017 година бр.22.4-2054 како и од исказите на сведоците Т. Ѓ., Т. А. и Ѓ. С.. Наведе дека доколку Министерот А. Н. му дал таква наредба и доколку тој не постапил по истата тоа како факт би било неспорно утврдено веднаш истата вечер или веќе следниот ден од самиот Министер Н. при што повеќе од сигурен е дека доколку било така Министерот Н. во најмала рака би повел постапка за утврдување на дисциплинска постапка против него, а уште поверојатно би поднел и кривична пријава за непостапување по наредба согласно чл. 353-б од КЗ, но против него од страна на Министерот Н. не била поведена никаква постапка, туку напротив во периодот по настанот додека истиот сеуште бил Министер со него имал одлични професионални односи, при што во тој период и повеќе пати имал средби во неговиот кабинет каде меѓу другото дискутирале и за настанот од 27.04. и притоа од Министерот му било потенцирано дека неговото однесување на 27.04. било крајно професионално. Што се однесува на пасивното однесување на дел од полициските службеници во Собранието и пред Собранието што се констатира на дел од снимките презентирани како доказ од страна на Обвинителството потенцираше дека согласно сите законски и подзаконски акти и планови за конкретната активност, надлежноста за командување со сите сили кои биле ангажирани за обезбедување на Собранието вклучително и со специјалните единици била во надлежност на одговорниот полициски службеник од СВР С., во конкретниот случај сведокот З. С., бронзена команда, но дали и какви команди издал истиот во оваа постапка не се утврдувало па затоа тоа прашање останало неразјаснето. Се осврна на Правилникот за начин на вршење на полициски работи па наведе дека во истиот се дефинирани видовите на

обезбедувања и тоа како редовни, посебни и вонредни обезбедувања при што во член 204 утврдено е дека вонредно обезбедување се организира за време на одржување на паради, поворки, митинзи, протесни собири и други манифестации во кои учествуваат поголем број граѓани и во сите други потребни случаи, потоа во член 205 јасно е определена надлежноста за вонредните обезбедувања при што недвосмислено е потенцирано дека вонредно обезбедување се определува од страна на началникот на Секторот за внатрешни работи на чие подрачје истото ќе се врши, кој определува и одговорен полициски службеник за вршење на обезбедувањето, а притоа е дефинирано дека во случај кога е потребно, началникот на Секторот за внатрешни работи на чие подрачје се реализира вонредното обезбедување, може да побара помош од Централните полициски служби, при што нагласи дека на 27.04.2017 година одговорен за целокупното обезбедување на протестите пред Собранието бил Началникот на СВР С., сведокот И.В.. Се повика на чл. 91-б од Законот за полиција (Сл. весник на РМ, бр. 33/2015) и член 65-а став 4 од Правилникот за начин на вршење на полициски работи согласно кои наредбата за употреба на средства за присилба кон група може да ја издаде само одговорното лице за извршување на определени полициски работи или одговорното лице за обезбедување во случај на организирање на јавен собир. Истакна дека во член 82-а од Правилникот стои дека во случај кога нарушениот јавен ред и мир при обезбедувањето на собирот од членот 78 на овој правилник, не може да се воспостави без ангажирање на организациските единици од Одделот за посебни единици, одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир му издава наредба на одговорниот полициски службеник на посебните единици, во конкретниот случај прво командирот на чета Г. З., а потоа сведокот В. Н., да ги превземе потребните мерки за воспоставување на нарушениот јавен ред и мир. На една ваква ситуција се однесувале член 17 и член 24 од Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (златна, сребрена и бронзена команда) со кои е уредено таканареченото предавање на командата, а предавањето на командата всушност значи предавање на контролата и одговорноста во однос на тактиките, средствата и методите на постапување на посебните единици и тоа само за оние полициски работи за чие извршување е потребна посебна тактичка оспособеност, полициски работи чие извршување е проследено со висок ризик по животот и здравјето на УПС и полициски работи кои подразбираат користење на посебна тактичка опрема и оружје, член 21 од Упатството за златна сребрена и бронзена команда. За сите други активности и понатаму одговорноста е кај одговорниот полициски службеник од СВР С. бидејќи истиот располагал и со сопствени сили, како од редовна полиција така и од ЕЈРМ и АЛФА кои исто така имаат статус на посебни единици и се исто така опремени и обучени за справување со високо ризични ситуации, а воедно истите се овластени да применат

физичка сила и други средства за присилба. Во тој контекст напомена дека два оперативни вода, околу 50 УПС добро обучени и опремени припадници на специјалните единици биле доволни да се справат со насилни поединци и групи, односно да ги заштитат објектите и лицата кои биле предмет на напад доколку имало доволно редовните полициски сили од СВР С. и доколку истите реагирале соодветно и ги примениле овластувањата кои им се дадени, во случај кога одговорниот на СВР С. соодветно и навремено реагирал и издал соодветни и навремени наредби за постапување на полициските службеници со кои раководел. Сепак и покрај ваквата поставеност од негова страна биле превземени напори за воспоставување на нарушениот јавен ред и мир во Собранието на РМ и спречување да дојде до потешки последици. Па така од сите изведени докази, а пред се од изјавите на сведоците В. Н., М. П., Б. Т. и Г. Ѓ., како и од анализата на телефонската комуникација очигледно било дека од негова страна биле превземени сите неопходни дејствија за кои бил овластен, а тоа дотолку повеќе што од доказите изведени на главната расправа неспорно било дека тој бил надвор од командниот протокол на оперативниот штаб на МВР и надвор од помошниот штаб на СВР С., кои раководеле и командувале со акцијата. Наведе дека за сите мерки и активности превземени од негова страна биле известени тогашниот Министерот за внатрешни работи сведокот А. Н., тогашниот Директорот на БЈБ, сега обвинетиот Митко Чавков, Началникот на ЦПС сведокот Г. Ѓ. и тогашниот Помошник началник на ЦПС задолжен за ОСПО Сашо Митевски и од истите сите биле одобрени. Истакна дека по неговото пристигнување во ОШ во 20:15 часот веќе биле Министерот А.Н. и Директорот сега обвинетиот Митко Чавков додека непосредно после него во просториите на штабот пристигнале и Началникот на ЦПС Г. Ѓ. и Помошникот началник на ЦПС Сашо Митевски, а потоа и сите други членови на ОШ, иако сите други кои пристигнале после него во штабот биле на подрачјето на С., а тој дошол од К.. Дека неговото постапување во конкретниот случај на 27.04.2017 година било согласно строгата хиерархиска поставеност во МВР и согласно воспоставените протоколи и процедури во плановите и анекс на плановите при што наведе дека ова се потврдува и од Анализата на телефонската комуникација КОИМ бр. 19/17 од 21.03.2018 година. Нагласи дека јасно и недвосмислено може да се утврди со анализа на неговата телефонска комуникација на 27.04.2017 година дека во временскиот период од 18:30 до 20:15 часот за цело време тој има интензивна комуникација со сите со кои требало да комуницира, односно во тој период речиси и да нема прекин на комуникација така после секое јавување и информирање од страна на неговите потчинети веднаш има комуникација со сите негови претпоставени од хиерархискиот ланец на кои им биле пренесени сите информации и барања и обратно за сите добиени насоки и наредби од претпоставените веднаш се известувани неговите потчинети и им се пренесени сите насоки и наредби. Она што посебно го покажува исписот на телефонската комуникација било дека тој освен со тогашниот Директор на БЈБ, сега обвинетот Митко Чавков, на

27.04. немал комуникација со никој друг од другите обвинети, односно од страна на обвинетиот Душко Лазаров имало обид да му се јави, но телефонски разговор не е реализиран. Воедно напомена дека по неговото пристигнување во штабот на МВР и пристигнување на сите членови на ОШ течеле активности за справување со ситуацијата во Собранието. Од страна на Директорот Чавков биле издавани наредби за постапување кои биле пренесувани од негова и од страна на Помошникот началник на ЦПС. По барање на Министерот Н. во 21:45 се упатил кон Собранието, заради подобра координација на евакуација на пратениците од Собранието. По неговото пристигнување таму и направената кратка координација со командантот на ЕБР околу 22:00 започнале со евакуацијата, со истата целосно завршиле околу 22:45 часот и притоа имале и сериозна интервенција надвор од Собранието бидејќи масата се разгневила кога почнале со нејзино потиснување за да создадат услови за евакуацијата на пратениците и се обидоа да го пробијат кордонот мавајќи со разни предмети кон нив, а со еден од тие предмети бил удрен и тој во десното стапало од кој удар и денес има последици бидејќи не отишол веднаш на доктор туку тоа го сторил подоцна кога повредата надворешно била речиси зарасната. Истакна дека согласно Планот за ангажирање на единиците од ОСПО СД.бр.23.4-30/1 од 10.03.2017 година припадниците на ОСПО ќе бидат ангажирани по доставено барање од СВР С., а такво барање не било упатено, а овој план бил планиран за таканареченоит ден „Д“, односно видно од истиот нема определен датум за кој се однесува, па за активирање на истиот била потребна одлука од страна на воспоставениот команден протокол при ОА. Тој за неговата 23 годишна кариера во МВР работејќи на разни позиции, од обичен полицаец до Началник на ОСПО, никогаш немал направено ниту една повреда на правилата и прописите, секогаш се борел за чесност и достоинственост во полицијата, ги почитувал чесните и со интегритет полициски службеници, а ги презирал нечесните. Премногу имал вложено во градењето на неговиот углед, чесност и професоналност за да дозволи да со едно незаконско постапување го руши целото тоа. Никогаш немал влезено во штаб на политичка партија, ниту бил член на некоја. Политичките случувања го интересирале само од аспект на нивната рефлексија на безбедносен план. Ниту на 27.04. ниту пред тоа, а ниту потоа немал никаков мотив и причина да се впушти во незаконски дејства, не должи на никого ништо, никој ништо не му дал за да го задолжи со нешто, па така неговата сопруга работи како обична работничка во приватна фабрика за плата од 12.000 денари, неговото полнолетно дете е невработено, другото е средношколец, од имот поседува само еден стан од 50 метри квадратни во К. и тоа е целиот имот кој што успеал со чесна работа да го стекне и горд е на тоа, никогаш несакал повеќе, никогаш не му ни требало повеќе. Никогаш не бегал од одговорност и секогаш се соочувал со последиците од неговото постапување, така ќе биде и сега доколку судот процени дека со било кое негово постапување го прекршил законот спремен е да одговара за истото. Наведе дека во едно е сигурен,

дека на 27.04.2017 година бил дел од една организација која функционира на принципите на строга хиерахија и субординација, тој тогаш како и секогаш пред тоа ја почитувал воспоставената хиерархија како и сите наредби кои ги добил од неговите претпоставени, ниту во еден момент не добил незаконска наредба или барем тој не препознал некоја таква, затоа го моли судот добро да ги разгледа и анализира сите докази кои беа изведени и тоа како доказите предложени од страна на одбраната, така и доказите кои биле предложени од страна на Обвинителството и да донесе одлука дека не е виновен.

Обвинетиот Душко Лазаров во завршен збор наведе дека Јавниот обвинител во неговиот завршен збор не се осврнал на битието на кривичното дело и обликот на вината со кое истото може да биде извршено. Јавното обвинителство го товари дека на 27.04.2017 година за време на одржување на конститутивната седница на Собранието на РМ заедно со останатите обвинети со намера да го загрози уставниот поредок и безбедноста на РМ, да оневозможи и спречи избор на Претседател на Собранието, предизвикал акт на насилство во Собранието на РМ ги загрозил животите на пратениците, новинарите, овластените службени лица и вработени во Собранието на РМ, со што создал чувство на несигурност и страв кај граѓаните, а дека тоа заедно со останатите обвинети го направил со извршување на повеќе поврзани и усогласени дејствија за мобилизирање на членството на повеќе здруженија, со инструирање на група со маски и фантомки за насилно влегување и вршење насилство во просториите на Собранието, држење на потпалувачки говори, отстранување на безбедносните и заштитни механизми од главната влезна врата на Собранието, со насочување кон просториите, со истовремено неактивирање на полициските сили. Воедно му се става на товар дека со неиздавање наредби за распоредување на дополнителни полициски сили за надворешно и внатрешно обезбедување на Собранието тој овозможил непречено да се влезе во Собранието за да се оствари целта на насилниот упад, а дека поконкретно спротивно на член 20 од Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (Златна, Сребрена и Бронзена команда) не издал наредби за ангажирање на полициско засилување по барањето на овластените службени лица за ангажирање на дополнителни полициски сили за обезбедување и заштита на Собранието однадвор и одвнатре иако континуирано бил известуван дека е загрозен животот на пратениците од партиите кои формирале мнозинство во Собранието, новинарите и други лица, не ја извршил наредбата за ангажирање на посебните и специјални единици на тогашниот Министер за внатрешни работи, сведокот А.Н., дека не дал одобрување и наредба за ангажирање на посебните и специјалните единици, дека не издал наредба за евакуација на пратениците од зградата

на Собранието со што овозможил непречено да се вршат акти на насилство и да бидат загрозени животите на пратеници, новинари и други лица во Собранието на РМ и дека со вака превземените и усогласени дејствија предизвикал чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните на РМ. Потенцираше дека Јавното обвинителство не презентирало ниту еден доказ од кој судот би можел да утврди дека тој имал намера да го загрози уставниот поредок и безбедноста на РМ, ниту пак презентирало било каков доказ дека имал намера да го оневозможи и спречи изборот на Претседателот на Собранието на РМ, напротив по однос на изборот на Претседателот на Собранието на РМ биле презентирани докази од кои судот може неспорно да утврди дека изборот на Претседетелот на Собранието на РМ од никого не бил спречен. Дека тоа е така се потврдило и од изјавите на сведоците на Јавното обвинителство Н. Т. и В. М., а од друга страна, наведе дека судот од сите докази изведени на главната расправа неспорно може да утврди дека изборот на Претседателот на Собранието на РМ од никого не бил спречен. Ова дотолку повеќе што од ниту еден доказ не се утврдило ниту пак можело да се утврди дека тој знаел, ниту пак можел да знае дека токму тој ден ќе се врши избор на Претседател на Собранието на РМ. Со анализа на Анекс планот за мерки и активности Д.бр.28-156/1 од 25.04.2017 година на МВР на РМ, Сектор за внатрешни работи С. кој се однесува на обезбедувањето на јавниот собир за 27.04.2017 година и изјавите на сведоците Ѓ. С. и на Т. А на Записник за главна расправа од 11.12.2018 година судот неспорно може да утврди и заклучи дека тој како член на Оперативниот штаб, односно како советник во Оперативната канцеларија немал овластување на било кого да издаде наредба за распоредување на дополнителни полициски сили за внатрешно и надворешно обезбедување на Собранието, немал овластување за ангажирање на посебните и специјалните единици, ниту пак на некого можел да издаде наредба за евакуација на пратениците, кое се потврдувало и од Анекс Планот на планот за мерки и активности И.Бр.22.2-83 од 08.03.2017 година, со кој е уредена улогата на членовите во Оперативниот штаб како помошно тело на Раководителот на штабот, златната команда. Наведе дека Анекс планот е единствен писмен документ во кој всушност е дефинирано дека членовите на Оперативниот штаб се само помошно тело на раководителот на Оперативниот штаб, златната команда. Истакна дека согласно Анекс планот за мерки и активности Д.бр.28-156/1 од 25.04.2017 година на МВР на РМ, Сектор за внатрешни работи С., на одговорниот на надворешното обезбедување на Собранието, сведокот З. С., носител на бронзената команда на располагање му биле ставени вкупно 192 полициски службеници и три тима од Единицата „Алфи“. Од овие 192 полициски службеници, 52 полициски службеници биле од посебните и специјалните единици ЕБР, а останатите 140 полициски службеници од организациските единици на СВР С. и тоа од полициските станици од општа надлежност, Единицата за јавен ред и мир, Единицата за општ криминал и групи за интервенции од полициските станици од општа

надлежност. Во функција на операционализација на Анекс планот од 25.04.2017 година, кој се однесува на 27.04.2017 година, била изготвена Телеграмата бр.28-314 од 2017 година и од содржината на Телеграмата и Анекс планот судот можел да утврди дека за обезбедување на јавниот собир на 27.04.2017 година на располагање на бронзената команда, сведокот З. С. биле ставени вкупно 192 полициски службеници од различни организациски единици од СВР С. и Одделот за специјални полициски операции, а одговорен на целокупното обезбедување на 27.04.2017 година бил сведокот З.С.. Телеграмата и Анекс планот се одобрени и потпишани од страна на сведокот И. В., сребрена команда. Овој Анекс план за мерки и активности на СВР С. за 27.04.2017 година, согласно точка 2 од Телеграмата И.бр.22.2-23 од 03.03.2017 година по електронски пат е доставен до Оперативниот штаб, а ова го потврдил и сведокот на Јавното обвинителство К. Б. кој што навел дека одговорниот за обезбедување на протестот ги планира силите кои што ќе бидат предвидени за активноста за оној ден за кој што е предвиден настанот, кој план одел на одобрување кај старешините по хиерархија во СВР С. и понатаму се доставувал до Оперативниот штаб во МВР. Со оглед дека во тој план се предвидени 192 полициски службеници, штабот знаел дека бронзениот командир на терен располагал со вкупно 192 полициски службеници и три тима од Единицата „Алфа“. Сведокот на Јавното обвинителство З. С. помеѓу другото навел дека пред Собранието на располагање имал околу 30 полициски службеници и истиот после 18:05 часот дополнителни полициски сили барал од сведокот К.Б., од кого му било кажано да постапува со полициските сили што ги има во тој момент на располагање, како и дека други дополнителни сили во тој момент немало. Овој сведок во ниту еден момент во неговата изјава не посочил дека од него барал ангажирање на дополнителни полициски сили, а уште помалку пак ангажирање на посебните и специјалните сили. По 18:35 часот кога граѓаните повторно почнале да ја тресат оградата и да се прекачуваат преку истата и се упатиле према вратите на Собранието, сведокот веднаш ја известил Единицата за известување и командување при СВР С., преку радио врска и телефонски го известил сведокот К.Б. од кого побарал дополнителни полициски сили од Одделот за специјални полициски операции, како и од полициските станици, по кое барање сведокот К.Б. му кажал дека ќе се упатат само полициски сили од полициските станици кои што се на располагање. Наведе дека тој немал комуникација со бронзената команда сведокот З. С., а истиот во својот исказ истакнал дека за прескокнувањето на оградите и упатувањето на граѓаните према влезните врати на Собранието го известил и одговорниот на внатрешното обезбедување на Собранието за да постапи по претходно дадената наредба за затварање на вратите и за поставување на полициски службеници на самите врати од внатрешна страна. Смета дека судот од доказот Барање доставува со прилог 20 текстуални пораки од СВР С. со рег.бр.28-6694/2 од 17.07.2017 година со сигурност може да утврди дека одговорниот „Треска 202“, поточно сведокот З. С. за прв пат

дури во 20:10 часот барал дополнителни полициски сили, а од Известувањето на Секторот за известување и координација на состојби при БЈБ рег.бр.22.7-03/170 од 18.07.2017 година, судот може со сигурност да утврди дека таквото барање во 20:18 часот било пренесено на Секторот за известување и координација на состојби при БЈБ за натамошно информирање, тоа е време кога пратениците веќе биле дислоцирани во други простории во Собранието. Појасни дека во периодот од 19:50:17 до 20:05:45 часот тој бил во интензивна комуникација и координација со лицето Сашо Митевски и сведоците на Јавното обвинителство К. Б., И. В. и З. С., видно од листингот на неговите телефонски разговори за 27.04.2017 година, а тоа бил период на пристигнување на првото засилување од ОСПО и нивно упатување во Прес салата кога првично биле дислоцирани пратениците во други простории во Собранието, непосредно пред пристигнување на раководителот на штабот во просторијата на ОШ, но притоа истакна дека ниту сведокот К. Б. од него не барал ангажирање на дополнителни полициски сили, а уште помалку пак ангажирање на посебните и специјалните сили. На овој сведок постојано му давал насоки во смисла да постави полициски службеници пред вратите и да не дозволи влез на масата во Собранието, дека околу 18:45 часот повторно го известил дека дел од масата влегла во Собранието за што тој му дал насоки да изврши прегрупирање на силите, да се пробијат низ масата и да направат тампон меѓу масата која што влегла во Собранието и одредени структури во Собранието кои што би можеле да бидат предмет на напад, за да потоа наведе дека таквата насока дадена од него во вид на наредба ја пренел на сведокот З. С., бронзена команда. Се повика и на исказот на сведокот Т. А. кој појаснил дека доколку во Жена парк имало лица кои што имале намера да ја пробијат оградата и да влезат во Собранието тоа требало непосредно да го забележат самите колеги кои што биле ангажирани од страна на СВР С. и да превземат конкретни мерки, а членовите на Оперативниот штаб не можеле ништо да превземат. Во поглед на сведокот И. В. истакна дека истиот во својот исказ во ниту еден момент не навел дека од него барал ангажирање на дополнителни полициски сили, а уште помалку пак ангажирање на посебните и специјалните сили. Наведе дека сведокот С. Т. навел дека од него добивал насоки како на пример да бидат затворени и обезбедени вратите од Собранието на РМ од внатрешна страна, а по однос на прашањето на евакуацијата дека тој дал насока да се обезбедат локациите каде што се наоѓале пратениците во внатрешниот дел од Собранието со постоечките расположливи сили. Ваквите негови насоки да се обезбедат вратите од внатрешната страна на Собранието се потврдувале и од изјавите на сведоците Ѓ. С. и Т. Ѓ., кои биле членови на Оперативниот тим на ден 27.04.2017 година. Единствено од докази судот можел да утврди дека тој како член на Оперативниот штаб, односно како советник во оперативната канцеларија постапувал согласно овластувањата кои ги имал според Анекс планот И.Бр.22.2-83 од 08.03.2017 година. Во поглед на битието на кривичното дело Терористичко

загрозување на уставниот поредок и безбедноста од член 313 од КЗ, истакна дека за извршување на кривичното дело неопходно е кај сторителот да постои директна умисла бидејќи таа претставува посебен субјективен елемент на истото. Умислата е дефинирана во член 13 од Кривичниот законик, а Јавното обвинителство не презентирало, ниту пак извело било каков вербален или материјален доказ кој би упатил на евентуално постоење на директна умисла кај него, поконкретно на неговата евентуална намера за загрозување на уставниот поредок или безбедноста на РМ, ниту пак презентирало и извело доказ дека тој свесно со свои дејствија предизвикал акт на насилство. Во контекст на извршувањето на кривичното дело со несторување, наведе дека сака да стави акцент и на член 29 од КЗ согласно кој кривичното дело може да биде извршено со несторување само кога сторителот го пропуштил сторувањето што бил правно должен да го изврши, а пропуштањето има еднакво значење како предизвикувањето на делото со сторување. Осврнувајќи се на листата на појдовни и дојдовни повици на неговиот мобилен телефон за периодот од 01.04.2017 година до 30.04.2017 година истакна дека нема комуникација помеѓу него и сите останати обвинети, туку имал телефонска комуникација само со обвинетите Митко Чавков и тоа на 29.04.2017 година и со обвинетиот Митко Пешов на 03, 04, 05, 06 и 26.04.2017 година. Комуникациите со обвинетиот Митко Пешов биле во врска со извршувањето на тековни работни обврски на двајцата, а на 27.04.2017 година со Митко Пешов имал 5 неуспешни обиди за остварување на комуникација поради неможност истата да се оствари. На оваа листа не била прикажана неговата комуникација со обвинетиот Митко Чавков од 27.04.2017 година затоа што истата се одвивала преку апликацијата Вибер. Притоа истакна дека неговата комуникација со обвинетиот Митко Чавков преку апликацјата Вибер била во согласност со Планот за мерки и активности И.бр.22.2-70/02/2017 од 02.03.2017 година, во кој стои дека може да се користат сите расположливи средства за меѓусебна комуникација помеѓу кои е наведена и интернет комуникацијата. Дека Вибер комуникацијата била вообичаен начин на комуникација по ОА „Платформа“ наведе дека се потврдило и од изјавата на сведокот Т. А.. Од оваа Листата на појдовни и дојдовни повици неспорно се утврдило дека тој имал комуникација со сведоците И. В., К. Б., Г. Ѓ. и З. С., а дека тоа било така се утврдило и од изјавата на сведокот К.Б.. Се осврна на предметното Упатство, а пред се на член 20 од Упатството, кој се однесува исклучиво на ангажирањето на посебните и специјалните единици, па наведе дека согласно овој член посебните и специјалните единици се ангажираат по доставено писмено барање на сребрениот командир, а по одобрување и наредба на Началникот на ЦПС или по претходно издадено одобрување или наредба од страна на Директорот на БЈБ или Министерот за внатрешни работи, па нагласи дека овој член не се однесува на ангажирање на дополнителни полициски сили за обезбедување и заштита на Собранието од внатре и од надвор. Согласно пак член 23 од Упатството, одлуките и наредбите за ангажирање

на посебните и специјалните единици на стратешко ниво ги носи Началникот на Централните полициски служби, а тоа бил сведокот Г. Ѓ.. Членот 17 се однесува на обврските на златниот и сребрениот командир и на одговорниот на посебните единици кои се на лице место, а не на него како член на Оперативниот штаб, односно советник на оперативната канцеларија. Притоа истакна дека за да се разграничи кој согласно Упатството бил овластен за издавање наредби и улогата на советниците во оперативната канцеларија не треба да се гледаат само наведените два члена туку и останатите одредби од Упатството. Воедно се повика и на членовите 4, 7, 9, 10, 12, и 14 од Упатството, па според него неспорно е дека само златниот, сребрениот и бронзениот командир се овластени за носење на одлуки и за издавање на наредби и со оглед на ваквата содржина на наведените одредби од Упатството неспорно се заклучува дека тој како советник немал овластување да издаде било каква наредба, а дека овластување за издавање на наредби имале само златниот, сребрениот и бронзениот командир. Доколку тоа не било така уредено и доколку сите, вклучувајќи ги и советниците би имале овластување да издаваат наредби, би се довеле до состојба не само во конкретната, туку и во друга слична ситуација да не се знае кој на кого каква наредба издал, тој што треба да постапи по наредбата не би знаел по чија наредба да постапи, затоа што секој можеби не би издал иста наредба и би имало случаи за иста ситуација да бидат издадени различни наредби. Единствено нешто што тој како советник и како член на Оперативниот штаб можел да го стори е да пренесува наредби издадени од златниот командир спрема тој што треба да ја изврши наредбата во случај да златниот командир такво нешто побарал од него, а кое нешто во конкретниот случај од страна на златниот командир од него не било побарано. Истакна дека сведокот А.Н. во ниту еден момент не навел дека од него побарал ангажирање на посебните и специјалните единици, туку само дека барал да се издаде наредба за евакуација на пратениците, наведувајќи дека исказот на овој сведок е не е јасен, конфузен е и контрадикторен. По однос на барањето на СВР С. од 24.04.2017 година се утврдува дека дополнителни полициски службеници за потребите на СВР С. се обезбедени врз основа на Телеграма број 22.2-49 од 25.04.2017 година, потпишана од Директорот на БЈБ, сега обвинетиот Митко Чавков, па истакна дека од ова неспорно може да се заклучи дека за ангажирање и на дополнителни полициски сили од други сектори за внатрешни работи, овластен е Раководителот на оперативниот штаб, поточно златниот командир, а доколку вакво овластување имал тој или било кој друг, телеграмата ќе била потпишана од него или било кој друг. Потенцираше дека иако барањето на СВР С. било одобрено и до останатите сектори за внатрешни работи било навремено проследена телеграмата, од за него непознати причини со акт број 28-3902/2 од 26.04.2017 година од СВР С. ангажирањето на дополнителните полициски службеници од другите сектори за внатрешни работи кои веќе биле ставени на располагање по телеграмата, од страна на СВР С. било откажано. Притоа наведе дека

видно од Планот за мерки и активности под И.бр.22.2-70/02/2017 од 02.03.2017 година, во делот Предлог на мерки и активности кои треба да се спроведат, стои дека согласно потребите и извршените проценки на ризик на Секторите за внатрешни работи, во конкретниот случај Секторот за внатрешни работи С. потребно е навремено да изготвува и доставува барања до Централните полициски служби за ангажирање на ОСПО. Од овој План кој бил потпишан од тогашниот Министер во оваа постапка сведокот А.Н., неспорно е дека за ангажирање на посебните и специјалните единици надлежни биле Централните полициски служби, па оттука доколку Министерот имал намера истите да ги ангажира таквото барање требало да го насочи спрема старешината на Централните полициски служби, во оваа постапка сведокот Г. Ѓ.. Истакна дека командувањето со посебните и специјалните единици е прикажано во Планот за превземање на оперативно тактички мерки СД.бр.23.4.2-9/47 од 25.04.2017 година на МВР на РМ, Централни полициски служби, Оддел за специјални полициски операции, ЕБР. Воедно наведе дека како доказ бил изведен и Известување од Секторот за известување и координација на состојби рег.бр.22.7-03/170 од 18.07.2017 година, па видно од истото на 27.04.2017 година во врска со настаните во Собранието на РМ од страна на Секторот за информирање и координација на состојби во време од 17:00 до 24:00 часот биле проследени 13 СМС пораки преку електронскиот систем за дистрибуција на информации спрема поголем број на корисници од МВР помеѓу кои и на обвинетиот Митко Чавков, обвинетиот Митко Пешов и сведоците Г.Ѓ. и А.Н., како и спрема лицата С. М. и Т. С., Началник на Одделот за заштита на определени личности и објекти. СМС пораките биле проследени и до замениците на златната команда, лицата Б. Д. и Г. С., како и до носителот на сребрената команда, лицето С. С. кои што во оваа постапка воопшто не биле спомнати. Воедно наведе дека тој имал повеќе телефонски комуникации со сведокот К. Б. што било видно од листингот на појдовни и дојдовни повици за 27.04.2017 година од кој јасно се гледало дека во времето од 18:44:11 до 19:21:17 часот само тој го барал сведокот К. Б. и му давал насоки за постапување. Истакна дека по прашањето на евакуацијата релевантни се изјавите на сведоците на Јавното обвинителство К. Б., В. Н., А. А. и сведокот на одбраната Б. Т. од кои неспорно може да се заклучи дека евакуацијата била извршена тогаш кога за тоа биле создадени услови, при што се повика на Планот за вонредно внатрешно и надворешно физичко обезбедување на објектот Собрание на РМ Рег.бр.23.2.5.1/1-42 од 13.03.2017 година и Анекс планот за реализација на вонредни мерки за внатрешно и надворешно обезбедување на Собрание на РМ и евакуација и спасување, ОА „Платформа" заведен под Ев.бр.23.2.1-01/11-1 од 09.03.2017 година, а особено релевантен е Анекс планот од 09.03.2017 година со кој детално е разработено прашањето на евакуација и спасувањето, начинот на извршување на евакуацијата, прашањето на комуникацијата и координацијата во врска со евакуацијата, кој е одговорен за обезбедување на Собранието на РМ, прашањето на комуникација и командувањето,

раководењето и координацијата. Дека известувањето и координацијата се одвивала по Анекс планот наведе дека се потврдува и од Анализата на телефонската комуникација КОИМ бр. 19/17 од 21.03.2018 година, а притоа таксативно ги наведе комуникациите, па смета дека од анализата и таксативно наведените комуникации по време судот неспорно може да заклучи дека комуникацијата се одвивала согласно Планот за ангажирање на единиците од Одделот за специјални полициски операции за обезбедување на објектот на Собранието на РМ СД.бр.23.4-30/1 од 10.03.2017 година и Планот за превземање на оперативно-тактички мерки СД.бр.23.4.2-9/47 од 25.04.2017 година изготвени од ОСПО, Анекс планот за реализација на Вонредни мерки за внатрешно и надворешно обезбедување на Собранието на РМ и евакуација и спасување, ОА „Платформа“ заведен под Ев.бр.23.2.1-01/11-1 од 09.03.2017 година изготвен од ОЗОЛО, Планот за мерки и активности бр.28-75/1 од 10.03.2017 година изготвен од СВР С. и Анекс планот за мерки и активности Д.бр.28-156/1 од 25.04.2017 година изготвен од СВР С.. Се осврна и на репродуцираните снимки, па истакна дека од нив јасно се гледа како полициските службеници поставени пред главниот влез на Собранието од надворешната страна се прераспоредуваат спрема влезот „Винар“ и службениот влез од кај Домот на АРМ, а главниот влез останал без полициски службеници каде што имало најголем притисок од граѓаните, за да подоцна полициските службеници пак, поставени на влезните врати од внатрешна страна, како во театар слободно ги пропуштаа граѓаните кои сакаа да влезат во Собранието, во ниту еден момент не се обиделе да ги затворат вратите иако за тоа во повеќе наврати имало услови и доволен број на полициски службеници, па така истите се гушкале со граѓаните, наместо да превземат мерки согласно полициските овластувања. Понатаму, наведе дека полициските службеници од внатрешното обезбедување најмалку биле присутни пред и во Прес салата каде што беа нападнати пратениците, а видно од снимките секогаш биле забележувани во некое бесцелно движење во ходниците на Собранието каде што немало никакви проблеми. Истакна дека во МВР против него не е водена дисциплинска постапка и тој своите работи и работни задачи ги извршувал до неговото приведување, а истите ги извршува и откако му е укината мерката притвор. Помеѓу останатите тековни работи кои што ги извршувал по 27.04.2017 година, а кои што ги потврдил и сведокот Т.А. е дека учествувал во работата на уште две оперативни акции и тоа „ОА Локални избори 2017“ и „ОА Супер куп“, која се однесувала на одигрување на „Супер куп“ натпреварот во фудбал помеѓу екипите на „Реал Мадрид“ и „Манчестер Јунајтед“ кој бил прогласен за натпревар од висок ризик и бил прв натпревар од ваков карактер на Балканот. Тој и сега е убеден дека доколку се постапело по неговите насоки дадени на сведоците С. Т. и К. Б. немало да се случи тоа што се случило. Истакна дека Јавното обвинителство не докажало надвор од разумно сомневање дека го сторил делото за кое се обвинува, па

предложи судот согласно член 403 точка 3 од ЗКП да донесе ослободителна пресуда.

Обвинетиот Г. Ѓ. – Л. во завршен збор наведе дека тој е обвинет за случајот за настаните на 27.04.2017 година кога бил на работно место Началник на личното обезбедување на Претседателот на Собрание на РМ, а поточно бил Началник на неговото лично обезбедување. Работното место обезбедување на Претседател на Собрание не му е непозната материја затоа што претходно бил обезбедување на Претседателот на РМ Б. Т., Министерот за внатрешни работи Љ. Б., Претседателот на Собранието Љ. Г., Претседателот на Собранието Т. В., како и на сегашниот Претседател Т. Џ., а сето ова значи дека тој е професионалец во службата. Смета дека неправедно е доведен во ситуација да се брани против обвинение за кое што Обвинителството изминатиот период иако приложило многу докази не докажало постоење на кривично дело извршено од негова страна, а најмалку делото кое што му се става на товар. Истакна дека на браникот за одбрана на државата го поминал целиот негов живот и во неговата досегашна работна кариера не бил казнуван ниту пак прекршочно, кривично гонет. 27.04.2017 година бил кога се случи еден немил настан, за кој како човек длабоко жали што се случил и сочувствува со сите инволвирани и повредени во тој би го нарекол политичко-правен настан. Политичко-правен според него бил поради атмосферата што се создала во РМ пред 27 април со секојдневните тензични седници за избор на Претседател на Собранието и исто така пропратните секојдневни протести кои се одржувале пред Собранието, така да во тој период мисли и тврди дека политички се подгревала нетрпеливоста меѓу народот. По неуспешното коалицирање на дотогашната владејачка партија ВМРО - ДПМНЕ и ДУИ на ден 20.01. почнале секојдневните протести на Здружението „За Заедничка М.“. Во тој период во МВР се формирал Оперативен штаб на оперативна акција под името „Платформа“ за кој штаб не бил информиран од неговите претпоставени, ниту пак бил опфатен со плановите за постапување на организациските единици во МВР. Напомена дека ниту еднаш во претходните години кога имало отворена оперативна акција за организирани протести во државата не бил опфатен во оперативните штабови поради специфичноста на неговата работа, а тоа била безбедноста на личноста која ја обезбедува. За постоење на таков штаб бил информиран од тогашниот Началник на внатрешното обезбедување на Собрание, а кога говори внатрешното обезбедување на Собранието наведе дека мисли на обезбедувањето кое според закон е должно да ја обезбедува зградата на Собранието, пратениците и службата, а тоа бил А. Ј.. Ова го дознал во неврзан разговор со него. Потенцираше дека во тој период освен А.Ј. кој што како колега го известил за постоење на оперативен штаб никој од Одделот за заштита на определени личности и објекти на кој припаѓа и тој не го информирал за постоење на штабот, ниту

пак од него побарале план за постапување, ниту пак му презентирале план за нивно постапување. Објасни дека во Одделението за лично обезбедување на Претседател на Собранието, како и одделенијата за обезбедување на останатите ВИП личности во државата функционира автономија, односно располагаат со полициски службеници и со свои ресурси од материјално-технички средства и дејствуваат за заштита на личностите кои ги обезбедуваат согласно стандардните оперативни процедури, кои се всушност строго доверливи документи издадени од страна на Министерот, специфично за автономното функционирање на одделението. Поради тоа неговото одделение и одделенијата на останатите ВИП личности никогаш не биле членови на оперативни штабови, ниту на оперативни акции. Затоа во плановите за евакуација не е споменат Претседателот на Собрание туку плановите се однесувале за евакуација и заштита на останатите пратеници, а тоа било така токму поради таа автономност. Наведе дека од погоре наведеното произлегува дека Обвинителството во текот на доказната постапка не успеало да докаже кој закон и законска одредба ја прекршил, според кој закон и акт требало да постапува, а не постапил, ниту пак ги приложило неговите надлежности. Појасни дека луѓето обвинети во судницата првпат ги гледа со исклучок на некои службени лица, а некои ги познава како јавни личности и политичари, но тие веќе не биле овде од познати причини, причината бил Законот за амнестија. Истакна дека во историјата на лично обезбедување има еден единствен пример каде е обвинет шеф на лично обезбедување на Претседател во 90-тите години на Р.У. за заговор за атентат и ова е втор случај во светот каде што шеф на лично обезбедување на Претседател и тогашен и иден е обвинет, ама овој пат за нешто што не го сторил. Наведе дека и во неговиот исказ и овде користи прилика да постави реторичко прашање дали М. ја виде моќта на пратениците со отворањето на вратите, а подоцна со нивно амнестирање, сите ја виделе моќта на политичарите, моќта на оние што секојдневно се расправаат, а подоцна на пауза заедно ручаат и нормално било политичките елити да си го средат овој нивни проблем, а тој ќе каже дека секако Законот за собрание донесен 2011 година со двотретинско мнозинство во Собранието во кое што чл.43 изричито е направен и напишан за постапувањето на овластените лица во Собранието, па наведе дека согласно истиот без одобрение на Претседателот на Собранието, овластените службени лица не смеат да превземат никакви мерки и дејствија спрема пратеници, вработени и лица што се затекнати во Собранието. Истакна дека на 27 април таква наредба ниту усна, усно барање од страна на тогашниот Претседател на Собрание и од страна на Генералниот секретар на Собрание кон полициските служби немало. Наведе дека од материјалните докази во оваа судска сала биле презентирани снимки од видео надзор на Собранието на кој неспорно се гледало дака тој е во ходникот пред влезните врати од Собранието додека пратениците ги отвараат влезните врати, но се работело само за осум секунди негово присуство, а таму бил и Началникот на внатрешното

обезбедување на Собранието А.Ј.. Истакна дека согласно снимките можело да се види дека некои други ја повикувале масата горе, сега веќе амнестирани, а Г.Ѓ. ја сопирал масата. Маса на луѓе, толпа не се качила пред кабинетот до моментот додека не се поставил кордон на скалите од Единицата ЕБР, кој што кордон како во диско ја пропуштале масата да се качува нагоре. Нагласи дека не било точно дека меѓу првите луѓе се качил сега обвинетиот Никола Митревски туку прво се качила една маса луѓе која и него лично го нападна, а тука бил и поранешниот Министер за здравство, па таа толпа успеале со колегите да ја одбијат, после 4 или 5 минути се појавила друга група на луѓе меѓу кои и луѓе со фантомки. Со оглед да разговорот меѓу него и Митко Чавков траел 9 секунди постави прашање што би можеле да договорат за 9 секунди за да бидат организирана група која што синхроинизирано функционирала. Истакна дека му се става на товар отварање на стаклена врата со картичка, па навде дека не бил објаснет токму моментот на отварањето на таа стаклена врата. Неговото кревање на рака било за да покаже дека таа е електронска и дека нема квака, но тоа се презентирало дека е отварање со картичка, меѓутоа немало потреба од такво нешто, Кољо ја скршил со нога. Сепак Обвинителството било должно да достави доказ каква е електронската картичка, кога судот ја видел електронската картичка на снимка, кој е серискиот број на картичката и во колку часот е отчукана таа електронска картичка за отварање на вратата, но истото не било доставено, па со оглед дека Крим -техника на МВР го има земено уредот во кој што се водела евиденција на користење на електронски картички тоа можело многу лесно да се види и да се утврди дали е воопшто користена електронска картичка. Тврди дека картичка нема, ниту ја имал во рака, ниту имал намера да ја употреби. Напомена дека не постои документ со императивна забрана за влез на мониторинг соба на лица од МВР и за време на други протести доаѓале колеги од крим техника и од други оперативно-организациски единици кои преку мониторингот ја следеле состојбата пред Собранието и ги лоцирале евентуалните поттикнувачи на насилстство и нарушување на јавен ред и мир. Одобрение писмено се барало од Генералниот секретар само кога имало потреба МВР да добие одредени снимки за одредени настани, а одобрение за редовните активности не се барало. Наведе дека безбедноста на тој мониторинг систем ја објаснил и сведокот на Обвинителството О. С., кој што децидно пред судот кажал дека било кој што ќе сака да ракува со системот за мониторинг без лозинка не можел да влезе во дигитал видео рикординг системот кој што се состоел од најмалку 10 уреди со хард дискови, при што појаснил дека тој мониторинг систем и сеуште не е предаден технички во употреба на Собранието и затоа лозинката за влез во мониторинг системот ја имаат само техничарите од фирмата „Сензор“. Обвинителството не сакало како олеснителна околност, а било должно да го каже и тоа дека постоеле два мониторинг система во Собранието, дека и во тој мониторинг што бил пред кабинетот имало овластено службено лице, зашто и тогаш тој не се јавил и не му

кажал усно на колегата да им отвори и тука на инспекторите од УБК. Таква умисла и намера немало. Во материјалните докази што се приложени до судот од страна на Обвинителството бил и неговиот листинг на извршени телефонски разговори и комуникација, па оттука како олеснителни околности и тоа требало да го наведе дека според базните станици навистина можело да се види дека базна станица „Стајковци“ не е во центарот на С., тој тврдел и кажал дека тоа за него било обичен работен ден, дека бил по приватни потреби, односно заминал дома и од неговиот дом се упатил во домот на неговата мајка чекајќи ја таму домашната посета за редовната терапија која ја примала, а неговата мајка веќе е покојна и за тоа доставил доказ од медицинска помош до судот за неа. Исто така, во материјалните докази можело да се види дека тој во Собрание не бил повикан туку од страна на неговиот подреден М. М., сведок на Обвинителството бил известен дека во Собранието е тензична состојбата меѓу пратениците, по што тој заминал со возило кон Собрание, а тоа можело да се види во листингот. Наведе дека неговата комуникација со функционерот што го обезбедувал кој мислел дека е во Собрание, а подоцна заклучил дека не е кога лично му кажал дека дошол од дома, кое значи дека тој како полициски службеник постапил по службена должност онака како што му налага овластувањето и за она што го известил неговиот подреден полициски службеник. Истакна дека во листингот може да се види неговата комуникација со обвинетиот Митко Чавков од 18:27 до 19:37, а се работело за 6 или 7 разговори во севкупно траење од 70 секунди. Наведе дека не познава човек кој што би извршил терористичко загрозување на уставниот поредок кој што тоа ќе го договори за 70 секунди во повеќе разговори. Почитувајќи ја хиерархијата, прво побарал помош од полицискиот службеник Генералниот советник Г. С. кој што го известил дека не е на работа, дека е на работа Директорот и при истиот разговор му го дал и бројот од Митко Чавков. Наведе дека тој прво е побаран од С.Т., член на оперативниот тим, Началник на сектор и негов директен претпоставен, а воедно имал комуникација со Началникот на внатрешно обезбедување А.Ј. со кој што се информирале што се случува и дали воопшто ќе добијат помош од полициски службеници, од Одделот за обезбедување. Наведе дека кога се слушнал со Митко Чавков му кажал кој е затоа што го немал неговиот телефон и му кажал дека има потреба од полициски службеници, тој за истото го известил дека ќе добие помош од внатрешно обезбедување од Влада. Појасни дека обвинетиот Никола Митревски го познава од тоа што додека работел како инспектор во Полициска станица „Г.Б.“ истиот бил и приведуван, па оттаму го познава. Наведе дека тој не го организирал настанот, тој не повикувал 3.000 луѓе секој ден, но за жал и тие лица веќе не биле овде. Потенцираше дека Обвинителството не ги презентирало снимките од 18:00 часот кога Т. В. ја прекинал седницата, а верува дека тогаш и судот ќе видел што се случувало, дали некои биле само понесени од моментот и од емоциите или и тоа двапати им се случувало да ги понесе моментот и емоциите, а него можеби еднаш ќе го понесат емоции, но двапати не за иста случка.

Истото го наведе и Обвинителството, кога кажа дека со голема горчина го прифатило фактот дека треба некого да амнестира, при што го постави прашањето како го утврдило Обвинителството тоа дека баш тие треба да бидат амнестирани, дали со неприкажување на снимките, а за тоа како доказ Обивнителството се повикува на доказ на исказ на сведок М. М., кој што во неговиот исказ точно ги опишал кои пратеници биле во првиот налет на емоции и кои службени лица биле пред вратата, но најверојатно се уште не биле пристигнати лицата од надвор кои што ги очекувале, па наведе дека затоа ќе се изрази народски, се пишманиле. Наведе дека листинзи од телефоните не биле прикажани како докази од страна на Обвинителството за сообвинетите Крсто Мукоски, Сашо Василевски, Љубен Арнаудов, Јохан Тарчуловски, Љупчо Димовски, па се прашува зошто бил важен неговиот листинг, а нивниот не, дали за да не се види со кого комуницирале. Притоа, наведе дека тој ден плачел додека некој пеел, тој плачел, изгубил татко и мајка, а некој пеел и предизвикал тоа што го предизвикал, за сега некој да си го крои лозјето, а тој да биде овде. Истакна дека е на работ на сиромаштијата, без плата, тие истите биле, за цело време земале 70.000,00 денари плата и додека биле во притвор. Тие не се секирале за адвокати, тие ги убедувале да се бранат со молчење затоа што секако веќе им била напишана пресудата. Со горчина во душата Обвинителството кажа дека надвор пред Собрание имало многу малку полицајци, па наведе дека со трите тима од „Алфи“ З. С. имал 201 полицаец и истиот Началник, бронзена команда кога се отвараат вратите од Собрание се наоѓал на Гаражата, на задниот влез на Собрание за да подоцна се види спасителот во 22:00 часот како го спасува Претседателот на Владата, господин З., но Обвинителството требало да каже дека и тој бил срам за полицијата затоа што тој лично дал пример на полицајците надвор како не треба да се постапува затоа што бил како манекен, без пиштол на себе, полициски службеник, бронзена команда и тој истиот овде него го убедувал дека тој одлучил за пасивна употреба на сила, па најверојатно затоа го заборавил пиштолот дома. Медицинската белешка што ја доставил до судот за неговата повреда при влезот на толпата во кабинетот на Т. В. од која повреда и денес има проблеми, Обвинителството истото не го земало како олеснителен факт и доказ дека покрај Сала 3 имало обид за влез и во кабинетот на Т. В., а наведе дека кабинетот на Т. В. се состои од 16 простории од кои лично негови пет, тоа бил кабинет на Претседател. Една од тие простории како и кај сите Претседатели, на Влада, на држава, е безбедносна соба за заштита на функционерите. Затоа бил таму и не го однел дома затоа што инсистирал да остане, а предистражна постапка за организаторите нека докаже. Смета дека во овој случај не е само колатерална штета, туку жртва на некого, ама најголема жртва е на неговите деца, како и сите. Наведе дека еминентниот Пјер Шарон уште во средниот век кажал дека правдата е двојна, едната е природна, племенита и универзална, а другата е вештачка, партикуларна и политичка и создадена, наметната за непосредните потреби на владите и државите. Ова нешто било кажано

уште пред 500 години и за жал после 500 години биле такви жртви на политика. На крај наведе дека секој човек кој што работи може и да згреши, тој не вели дека можеби и не згрешил во неговото работење, се трудел најчесно и максимално заложувајќи го и својот живот да ги изврши неговите задачи, ако згрешил да се казни, но тврди дека делото за кое што се товари по член 313 ниту на сон не го сонил, а не пак да помисли да стори нешто против својата држава и очекува од судот како и досега правичен пристап и правична пресуда, ослободителна.

Обвинетиот Оливер Поповски во завршен збор наведе дека има 56 години, фамилијарен човек со прекрасно семејство, сопруга и две малолетни деца, на возраст од 12 и 9 години. Себеси се смета за морално интелигентна личност што знае што е добро, а што лошо, без лажна скромност се смета за образуван и воспитан човек кој е одговорен и совесен. Човек со чест и достоинство без било каква дамка во својата професионална кариера. Луѓето што го познавале знаеле дека не е конфликтна личност, уште помалку пак настанатите проблеми ги решава по пат на насилство, напротив секогаш се обидувал проблемите, дали приватните или службените, да ги решава преку дијалог, понекогаш и на негова штета. Наведе дека за кривично-правниот настан се чувствува најблаго речено изигран, искористен, употребен за нечии други цели. Сите што на некој начин биле надредени во хиерархиската поставеност на одделот или во секторите за обезбедување, внатрешно и надворешно, ден-два пред настанот или биле, или земале слободни денови, боледувања и слично, едноставно ги немало никаде што му давало за право во најмала рака да се посомнева во нив. Од сите првично 33-ца обвинети во овој случај, лично се познавал со полициските службеници и тоа не со сите, со некои од нив директно соработувал, некои ги знаел од видување без директна соработка, додека пак Оливер Радулов го запознал во притворот. Од останатите обвинети, еден дел ги запознал во притворот, а еден дел во текот на рочиштата, со никого од нив лично не се познавал од претходно, вклучително и пратениците, кое значи дека и не ни можел да биде во било каков контакт со истите. Наведе дека видно од изведените докази, извршеното вештачење на телефонските броеви кои ги поседувал, на критичниот ден освен службените разговори со обвинетиот Г. Ѓ., во тоа време Началник на Одделението за обезбедување на тогашниот Претседател на Собранието Т. В., немал никаква телефонска комуникација со ниту еден друг обивинет и не само дента туку и неколку месеци наназад, дословно со никој. Првиот телефонски разговор, видно од листингот на телефонските повици со Г. Ѓ. бил после завршување на работното време, некаде околу 18:00 часот кога бил дома, што произлегувало од локацијата на неговиот телефонски број преку базните станици. Во тој разговор Ѓ. го побарал да му каже дека има потреба од ангажирање на дополнителни полициски службеници во Собрание, тој не можел да добие на телефон никој од повисоките

старешини, разговарал со С. Т., кој му рекол дека тој ќе организира и да го побара него. Напомена дека во Одделот за обезбедување, во Стандардните оперативни процедури е предвидено дека раководителите на тимови по своја проценка можат да побараат дополнително засилување. Видно од извршеното вештачење на телефонските броеви кои тој ги поседувал, на критичниот ден по телефонскиот разговор со Ѓошевски го побарал неговиот непосреден старешина Т. С. за да го извести за барањата од колегата Ѓ., па тој му дал насоки да го побара колегата Д. К., одговорниот во тој момент на внатрешно обезбедување за да препрати полициски службеници од другите министерства во Собранието, а тој пак да ги ангажира сите слободни полициски службеници од одделот. Со негова консултација се договориле да се упати во Собрание, а тој да оди во Оперативниот штаб во МВР, да бидат во комуникација и да го известува за случувањата во Собранието. Откако го завршил телефонскиот разговор со него, му се јавил на Г. Ѓ. и го известил за се тоа што договориле со Т.С.. Тоа бил вториот и последен телефонски разговор со Г. Ѓ. тој ден. Кога пристигнал пред Собрание атмосферата била тензична, меѓутоа не можело ни да се претпостави дека ќе се случи тоа што се случи. Во Собранието влегол од т.н. влез „Винар“, видно од презентираните видео снимки предложени како доказ од Обвинтелството и веднаш се упатил кон Пленарната сала бидејќи се слушале викотници. Одејќи кон Пленарната сала слушнал викотници кои доаѓале и од ходникот на Собранието, па со забрзан чекор се упатил натаму. Кога дошол во ходникот, во првиот момент не сфатил што се случува. Видел како колеги кои ги познава од видување стојат во ходникот, а еден од нив поставил греда на една од вратите на Собранието. Пред вратата го препознал пратеникот Крсто Мукоски како стои заедно со уште едно лице кое не го познавал, па претпоставил дека е пратеник бидејќи колегите од внатрешното обезбедување не реагирале за неговото присуство и сфатил дека во прашање биле пратеници кои имаат право да се движат низ Собранието. Меѓутоа, како што колегата ја поставил гредата, така во истиот момент пратеникот М. ја тргнал од вратата и со нога ја оттурнал. Наведе дека мора да биде искрен во тој момент се збунил, не ја знаел целта на случувањата, ниту пак знаел како да постапи бидејќи согласно Законот за Собрание, како полициски службеници немале право да превземаат никакви активности врз пратеници доколку не добијат наредба од Претседателот на Собранието. Напомена дека во тој момент вратите се уште биле затворени. Додека му поминувале разни мисли во главата како да постапи, наеднаш колегите и другите присутни пратеници се повлекле од пред вратата и скалите, на што и тој инстиктивно изреагирал и се повлекол, но тоа биле делови од секунда. Кога се повлекол на едниот ќош од ходникот, прво што направил било телефонски да го извести неговиот старешина Т. С. за да му даде насоки како да постапи во ситуацијата. Истакна дека во долгогодишно искуство во полиција, во кои последните 15 години во Одделот за обезбедување, никогаш немало таква ситуација, ниту пак постоела Стандардна

оперативна процедура во која е уредено како полициските службеници треба да постапат во такви или слични ситуации во Собранието. Едноставно, Собранието отсекогаш било камен на сопнување помеѓу надлежностите на полициските службеници предвидени со Законот за полиција и Законот за Собрание. Од една страна, Законот за полиција им давал овластувања за да во законодавниот дом, истите со Законот за Собрание им биле одземени, односно овластените службени лица без одобрение на Претседателот на Собранието не смеат да превземаат мерки против пратениците, што било предвидено во член 43, став 2 од Законот за Собрание. Видно од видео снимката во ходникот се појавил и Г. Ѓ. со кого се поздравил, тој се повлекол, а обвинетиот Оливер Поповски продолжил да се обидува телефонски да стапи во контакт со Началникот С.. Додека се обидувал да стапи во контакт со него, во еден момент видел како наеднаш пред него се појавила толпа граѓани кои, најблаго речено нивното присуство во Собранието го запрепастило. Откако вратата била отворена и толпата народ влегол во Собранието, од Одделението за превентива кое било директно под негови ингеренции почнал да го бара колегата Т. М. кој според планот за работа тој ден бил одговорен заедно со дежурните колеги, И. А. и З. З.. Видно од видео снимката во тој момент се движел во насока спротивна од топлата и отишол кон излезот од Собранието со цел да се најде со луѓето од неговиот сектор. Напомена дека истите претходно биле известени да бидат на терен пред Собранието и да информираат за случувањата пред Собрание. Не се сеќава добро дали остварил контакт со него и излегол надвор од Собранието или спонтано излегол надвор од Собранието каде се сретнал со колегите. Сите затечени со самите случувања, откако размениле информации во однос што понатаму, влегле внатре со цел да им помогнат на колегите од внатрешното обезбедување. Кога стигнале пред вратата од Прес салата сите заедно во рамките на своите можности учествувале во смирување на присутните граѓани заедно со другите колеги од внатрешното обезбедување. Видно од видео снимките пред вратата од Прес салата, помеѓу останатите колеги стоел и неговиот колега С.Т., во тоа време лично обезбедување на Министерот за внатрешни работи О. С.. Во еден момент ситуацијата станала премногу напната, толпата народ вербално му се заканувала и сакал физички да се пресмета со него. Прво што направил кога ја видел таа ситуација, застанал помеѓу С. и граѓаните. Му ја дал својата службена легитимација за да се идентификува дека е полициски службеник и дека истиот само ги извршува своите службени задачи, физичко обезбедување на личноста која ја обезбедува. Потоа, се обидел граѓаните на вербален начин да ги смири бидејќи проценил дека тие биле многубројни и доста агресивни и доколку превзема некои од неговите полициски овластувања би го довел во прашање неговиот живот и животот на неговите колеги кои во никој случај не смеело да се случи. Наведе дека ако сега има ... години, тогаш имал ... години што го прави физички многу поинфериорен од луѓето што биле внатре. Не се работело за храброст, храброста најмалку доаѓала во облик на физикусот и

физичката сила, се работело за резигнираност, за страв, за потреба од импровизација, за немоќ. Исто така наведе дека имало една стара вистина „чувството на немоќ е неопислива состојба на фрустрираност и одземеност како ментална, така и физичка“, тој така се чувствувал. Во тој момент одлучил да се обиде да ги смири напаѓачите, а потоа да повика засилување. Напомена дека тој во Собранието не носел оружје ниту имал радио станица затоа што доаѓал од дома. Но и да носел оружје никако не смеел да го внеси во Собранието бидејќи согласно законските прописи кои важат за Собранието, освен вработените во внатрешното обезбедување кои биле распределени на работно место Собрание и полициските службеници кои биле лично обезбедување на одредени функционери, како Претседателите на држава, Влада, Собрание и други, сите останати полициски службеници морале истото да го остават кај нивните колеги при влез во Собранието. Истакна дека тоа не важи за колегите кои доаѓале од специјалните единици и единици за интервенции кога истите биле ангажирани во обезбедување на Собранието по барање на Претседателот на Собранието. Понатаму, наведе дека од кога дошле некои од неговите колеги видно од видео снимките, не успеале да ги одвратат и спречат граѓаните од намерата да влезат внатре во Прес салата бидејќи масата на демонстранти и насилници се зголемувала, а помош од останатите колеги не пристигнувала. Видно од видео снимките по нивното влегување, заедно со колегите влегол и тој. Согледувајќи дека ситуацијата е крајно сериозна и можела да го загрози неговиот живот и животите на неговите колеги и пратениците, се обидел преку телефон да повика засилување, но од големата галама и тензија во салата не можел да оствари никаков телефонски контакт. Толпата народ станала премногу агресивна поради што им се приклучил на останатите негови колеги кои стоеле пред пратениците, да се обиде физички да ја одбие толпата народ за што постоеле и видео записи доставени како доказен материјал од негова страна. Истото тоа го потврдиле и сведоците кои биле предложени од страна на Обвинителството, но и од негова страна. Во текот на тие напрегања, буткања, добил неколку удари од предметите кои летале над главите, па чувајќи ја главата добил удар под коленото при што почуствувал болка поради што се повлекол на страна со цел да види дали истото му е раскрвавено. Поради неможноста на полициските службеници кои биле присутни во Прес салата да ја смират и одбијат толпата народ, заедно со неговиот колега Т. М. излегле од Прес салата со цел да побараат помош т.е други полициски службеници да помогнат. Во тие моменти контактирал и со неговиот претпоставен Т. С. барајќи дополнителни полициски службеници со кои располагал. Ова произлегувало од вештачењето на неговите телефонски броеви. Во еден момент ја здогледале тогашната Министерка К. и ја замолиле преку телефон да го искористи нејзиниот авторитет да помогне, бидејќи горе во Прес салата ситуацијата била доста сериозна. Таа направила неколку телефонски повици, па кога завршила со разговорот ги известила дека исконтактирала со некои лица и добила уверување за помош. На враќање

кон Прес салата, забележале колеги од Единицата „Алфи“ заедно со нивниот Командант во тоа време И. А. – П., ги повикале и заедно тргнале кон Прес салата. По патот кон салата многу од колегите од Единицата „Алфи“ останале и не влегле во Прес салата. Како доказ за тие негови дејствија, преку своето сведочење го потврдил и еден од сведоците на Обвинителството, А.А.. И покрај донесеното засилување, ситуацијата сеуште не можела да се стави под контрола поради што со неговиот колега Т. М., но сега и неговиот колега И. А. повторно излегле од Прес салата за да ги повикаат и останатите колеги од „Алфа“ Единицата, како и други ПС од секторот, полициски службеници. Симнувајќи се по скалите, наеднаш настанало стампедо од народ затоа што во тој момент почнала акцијата на полицијата со шок бомби и им било оневозможено да се вратат во Прес салата. Истакна дека ова недвосмислено произлегува од презентираниот видео материјал, предложен од Обвинитетлството. Во тие гужви, понесени од толпата народ и чадот кој се создавал, со колегите се раздвоиле и изгубиле. Симнувајќи се надолу по скалите за да го избегне чадот од шок бомбите, дошол до еден од ходниците на Собранието каде не се чувствувал чадот. Вознемирен и загрижен за колегите со кои претходно бил, почнал да врти по телефон за да дознае дали биле на безбедно. Колку време се задржал во ходникот воопшто немал претстава, но се сеќава дека во ходникот во еден момент го препознал неговиот колега С. М. како се движел заедно со уште неколку лица на кои воопшто не обрнал внимание. Од снимките кои беа прикажани во судницата го препознал обвинетиот Оливер Радулов и колешката во униформа која прв пат ја видел кога давала изјава како сведок. Единствено што му било врежено во сеќавањата од тие моменти било дека одел позади нив. Тие се движеле многу бавно заради што ги заобиколил за да ги одмине и се спуштил по скалите кои воделе до гаражите од Собрание и излегол надвор. Напомена дека немал никаков контакт со обвинетиот С. М., ниту пак некој му го најавил неговото доаѓање или целта на неговото присуство во Собранието, а кое било докажано со вештачењата на телефоните кои му биле одземени. Наведе дека во обвинението му се става на товар дека тој неговите колегите ги однел до мониторинг собата кое го одбива во целост како невистина од причина што како прво, на снимките од пред мониторинг собата кои беа прикажани во судница во ниту еден момент не се појавил, но затоа пак се појавувале колеги од внатрешното обезбедување на Собранието кои Обвинителството ги води како НН лица, а дел од нив се појавиле како сведоци во ова судница, а дел од нив воопшто и не биле повикани, иако стојат пред вратата од собата за мониторинг и „чуваат стража“.Тој ниту контактирал со нив критичниот ден, ниту пак претходно бил во некаква комуникација со нив, а освен тоа многу битно за него за да го докаже тоа што го негира е зошто не била прикажана снимката од ходникот како ги одминува колегите и се симнува по скалите кон гаражите на Собранието, правецот на тоа негово движење бил сосема спротивен од правецот на движење на колегите од УБК. Таа снимка не била ни доставена до неговиот бранител заедно со останатите снимки, па

се прашува зошто било тоа така, зошто селективност во доказите. Наведе дека кога веќе излегол од Собранието, го известил Началникот Т. С. кој бил во штабот за последните случувања и по негови насоки, еден дел од колегите со едно возило ги упатил во Касарната „Ѓ. П.“ за да им помогнат на колегите во обезбедување на пратениците кои биле однесени таму. Тој и останатите колеги ги однеле повредените колеги С. Т. и А. А. во Државна болница за да им се санираат нивните повреди. Од страна на лекар била третирана и неговата повреда под коленото која ја добил додека бил во Прес салата. Тоа прозлегува како од вештачењето на неговите телефонски броеви, така и од исказите на сведоците С. Т. и А. А.. Напомена дека со сите што контактирал телефонски не се наоѓаат како обвинети, освен обвинетиот Г. Ѓ.. Тоа било се за неговата инволвираност во овој кривично правен настан. Притоа, потенцираше дека додека бил внатре во Собранието воопшто немал претстава колку време траела целата таа агонија, но му се чинело како цела вечност бидејќи биле оставени сами на себе, без никаква помош, без средства за присилба и што е најважно без претходна најава, а некој бил должен сето ова да го предвиди и за тоа да ги извести. Едноставно и денес после толку време тој сеуште не може да се сети точно на некои моменти како се случиле, колку траеле, редоследот на неговите превземени активности, сите сеќавањата му биле некако во магла, но единствено знае дека не бил дел од никаква организација, никаква група, не добил никакви претходни насоки за постапување од ниту еден од обвинетите во овој кривично правен настан, а сите негови дејствија и активности биле во координација со неговиот непосреден старешина Т. С. преку телефон, за кое постоеле и материјални докази од вештачењето на неговите телефони обезбедени од страна на Обвинителството. Истакна дека по однос на размислувањата за тоа дали можело и подобро да се интервенира и ако можело како и на кој начин и дали биле искористени и од кого, за себе ќе каже само дека совеста му е чиста. Сторил се што можело да се стори во тие услови според неговите можности. Не знае дали можело подобро, поефикасно или похрабро, но едно знае, а тоа било дека срцето го здоболило кога неговата деветгодишна ќерка му го поставила прашањето: „Зборуваат ли тато на вести за тебе лошо? Зар си станал лош полицаец?“ Наведе дека пред време се осудени на лоши и добри и си поиграле со нивните судбини. Не го загрозил уставниот поредок со ниту едно негово дејствие, напротив се обидел да спречи насилство онолку колку што може, со голи раце, без никаква помош, а колку успеал во тоа нека оцени судот.

Обвинетиот Оливер Радулов во завршен збор наведе дека се ближи крајот на една судска постапка која ќе ја одбележи наредната деценија и ќе биде предмет на дебати, дискусии кај разни домашни и странски правни лица. Крајот на една судска постапка која е замрсена, матна и теретот да се избистри е на судот. Како човек на свои … години веќе одамна се смета за емоционално зрела личност, а тоа е личност која

поседува способност да препознава и изразува пријатни и непријатни емоции и чувства на начин кој е здрав и соодветен за ситуацијата. Во таа смисла, наведе дека емоционалната зрелост подразбира и личноста да ја прифати реалноста онаква каква што е, а кај нив, обвинетите реалноста била болна. Имено, сретнување со член 313 од Кривичниот законик на РМ како обвинет не била баш симпатична работа. Да се произнесе Обвинителството со такво обвинение седум месеци после случувањата на 27 април било безбедносно недозволиво. Обвинителството со ова дозволило седум месеци да хараат 33 терористи, та нели Обвинителството е убедено дека тие се терористи и за ова треба некој да одговара затоа што било огромен безбедносен пропуст. Како споредба, го замоли судот да замисли што би се случило со државата доколку 36-мината терористи од „Диво Насеље“ ги оставеле уште седум месеци да шетаат по неа, па сигурно 2001-ва малку ќе ни била. Меѓутоа, за Обвинителството тие се терористи, па дури и транспортот на притворот во „Шутка“ бил од тој терк, врзани со лисици во волфови, возила на Единицата за брзо распоредување. За време на оваа судска постапка се виделе повеќе сведоци, оштетени кои повторувале дека два часа биле удирани и тепани пред телевизиските екрани, што било точно. Нему како овластено службено лице не му се допаднале тие снимки и во рамките на неговите можности кога би бил таму би се потрудил да ги заштити, но не бил таму, не затоа што не сакал, туку затоа што во тој момент, односно во моментот на влегување во Собранието бил со неговата фамилија, со неговата сопруга и син, биле во населбата Железара да гледаат навлаки за кола, а истото го знаело Обвинителството затоа што во истражната постапка кога бил вештачен неговиот телефон пишувало дека во тој момент бил во населба Железара. Наведе дека дополнителен доказ, проверка на телефонот на сопругата и синот ќе ја потврделе неговата одбрана, но Обвинителството свесно го премолчувало тоа. Како тој во тоа време со никој од обвинетите се немал слушнато и бил со неговата фамилија во момент на влегување во Собрание, би имал врска со организирано помагање на Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста, остава на судот да утврди. На враќање во неговиот дом, по пат видел дека нешто се случува. Поминувале коли со знамиња македонски и свиреле извикувајќи: „М., М.“. Пред зграда се видел со негови соседи кои првично го информирале дека во Собранието била влезена поголема маса на луѓе, поконкретно се информирал на телевизорот во неговиот дом. Ги видел случувањата и веднаш се слушнал со неговиот претпоставен, тогашниот Директор на Управата за безбедност и контраразузнавање УБК В. А.. Тој го упатил да ја опсервира ситуацијата пред Собрание бидејќи дел од обезбедувањето веќе стигнало во работните простории, а тој не планирал да излегува од истите, што значи тој да оди пред Собрание и да го информира. За ова била изготвена Наредба од самиот Директор, со која се појаснува дека тој бил пред Собрание со работна Наредба што постои во архивите на МВР. Наведе дека нема да ја коментира ситуацијата пред Собрание бидејќи смета дека

во текот на оваа постапка сите ја виделе и се знае каква била. Во целиот тој хаос се видел со повеќе колеги кои исто како него биле таму. Виделе од снимките дека Собранието било опколено од околу 5.000 луѓе, па за некои што требал да ја опсервира ситуацијата како него, за подобар преглед на ситуацијата бил најмалку 200 метри од Собранието и во тој радиус го обиколувал истото, при што го сретнал колегата С.М. со кој што се знаел од работа. Имено, повеќе пати имал доаѓано на брифинг кај Директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање и истиот го имал спроведувано до канцелариите на директорот. Човекот тогаш бил 60 проценти инвалид со документација, бидејќи при демонтирање на бомба му пукнала и му го разнела коленото и колкот и била една од главните причини за неговиот инвалидитет. Фактот дека повредите ги имал здобиено при вршење на работни активности, кај него поттикнувало почитување на тие луѓе, можеби затоа што и тој имал здобиено повреди при вршење на работни активности, не знае, но едно знае, а тоа било дека и тогаш и денес и утре кога колега ќе го замоли за асистенција тој несебично ќе му помогне, посебно доколку колегата му објасни дека се работи за работа поврзана со безбедноста на Собранието на РМ. Потенцираше дека тој е службено лице 24/7 како сервис на граѓаните и установите кои постојат за остварување на правата на истите граѓани. Наведе дека колегата не му кажал за што се работи, туку му кажал дека треба да влезе во Собранието бидејќи имало таргет, тоа биле негови зборови, но поради неговиот инвалидитет, не се чувствувал безбедно да влезе сам внатре поради целата хаотична ситуација и го замолил да го обезбедува додека да го запрати таргетот, тоа биле неговите зборови. Наведе дека му свртел на Директорот на УБК, но во тој момент не бил достапен, а во исто време Саше Марковски разговарал со Началникот на Петтата управа, Б. и слушнал како му објаснува дека го нашол Радулов и дека тој не можел да го добие Директорот и побарал совет. Го пуштил на интерфон и обвинетиот го слушнал гласот на Началникот Б. „Таргетот е влезен, земи го првиот што ќе го најдеш и влези веднаш, јас одам накај Директорот, јас ќе го известам". Тој прв што колегата Саше го нашол бил тој, Радулов Оливер и така почнала неговата голгота од настаните на 27 април. Наведе дека во ситуација каде што треба да сочува лице за кое е безбедносно одговорен, лице со инвалидитет кое тешко се движи, тешко дише, а наоколку има повредени и луѓе кои може да нанесат повреди, тој не придава толку важност на тоа кој отворил врата, кој одел позади него, отколку да му овозможи на неговиот штитеник директна сигурност и комодитет да може да функционира онака како што сака тој, посебно ако лицето што одело позади него носело тетра (полициска моторола) што можело да ја има само овластено службено лице на МВР, значи припадник на МВР. Тоа лице го видел тогаш и наредно видување на 28.11.2017 во просториите на судот. Ако обрне внимание на споредните закани, нема да ја анулира главната закана затоа што бил еден, сам, на место со солзавец и намалена видливост и целото внимание го насочил кон главната негова цел, обезбедување на Саше Марковски и овозможување да ја изврши

неговата задача, друго ниту знаел, ниту го интересирало, толку од неговата мисија поврзана со 27.04.2017. Наведе дека не може, а да не се осврне на делот од обвинението од страна на Обвинителството каде го има него и Саше Марковски како излегуваат од мониторинг собата. Обвинителството во отсуство на докази дека тој ги зел хард дисковите, срамежливо ја спомнало торбичката што ја носел тогаш, алудирајќи според него претпоставува на можноста да тие хард дискови биле во торбичката бидејќи сведокот А. К. посведочи дека тој излегол со празни раце. Наведе дека такви хард дискови немал видено и немал претстава за нивниот габарит, но ја носел гореспоменатата торбичка, истата која судскиот совет може да ја спореди и сега и дека ќе ги наброи предметите што секој што врши дејност обезбедување треба да носи пиштол, две рамки со куршуми, расклоплива палка за примена на сила, солзавец, електрична лампа или магналајт, 25 куршуми во кутија и прв компресивен завој. Овој прибор го носел секогаш и секаде, па наведе дека би сакал некој од Обвинителството да проба да ги вметне хард дисковите во така пополнетата торбичка. Понатаму, наведе дека на почетокот на мај 2017, тој и неговиот колега Саше Марковски во просториите на МВР, Оддел за организиран криминал и форензика, дале брис за ДНК и папиларни траги (отисоци) како доказ дали земале или не земале нешто од таа соба, испаднале негативни на ДНК, негативно на папиларни траги таканаречени отисоци. За исказот на обвинетиот Александар Василевски дека го видел Саше Марковски со бели ракавици не знае и како што потврдил и обвинетиот не бил таму. Во изјавите на некои од сведоците се слушнале како тие два часа биле тепани, навредувани и слично, а за што цврсто верува дека никој од оваа просторија не сакал да дојде до тоа, но ете сепак се случило и сите жалат за тоа без исклучок. Пратениците кажувале дека додека тие биле нападнати, нивните фамилии го гледале тоа на телевизија што навистина не би сакал никој тоа да го доживее. Но, тие, обвинетите за 27 април што се најмалку виновни за тие случувања на 27-ми се напаѓани, навредувани 20 месеци, односно од 28 април 2017 година, па прашува зарем тие немаат фамилии, зарем нивните деца не се деца што веќе седми месец секој ден го гледаат и тоа ударно на вести со известување од типот обвинети за тероризам со слика и прилика. Потсети на стресот што го доживувале нивните деца и нивните фамилии. Тој смета дека Обвинителството не размислувало за тоа, а требало. Искрено со Законот за амнестија се понадевал дека сепак на некој начин ова мачење за нив ќе престане или ќе заврши, но не било така. На запрепастување на сите, Обвинителството лицемерно се пожалило дека жали за донесените одлуки за амнестија, а сите знаат дека истото ги донело тие одлуки. Истакна дека сака да го потсети судот иако е сигурен дека знае, но чувствува бол внатрешен, душевен, затоа што амнестија добија токму тие што на снимките биле најактивни. Понатаму, амнестија добија оние што јавно признале дека влегле со оружје во Собранието, сите знаеле дека единствениот што јавно признал дека носел оружје е амнестиран, но му верува на овој суд и знае дека веќе има препознаено за што всушност се

работи. Притоа напомена дека кога е кај обвинетите кои давале своја одбрана со сведочење би укажал иако сите се здобиле со впечаток дека дел од обвинетите што сведочеле во своја одбрана тоа го правеле под голем притисок од Обвинителството, сепак никој не го споменал Радулов Оливер во негативна конотација. Имено, Михаел Младеноски истакнал дека обвинетиот Радулов Оливер додека го обезбедувал Директорот В. А. бил со него само професионално, односно исполнувајќи ги работните обврски согласно Законот на МВР. А. К. изјавила дека при излегување од собата тој излегол со празни раце, обвинетиот Александар Василевски изјавил дека тој бил пред и во Собранието по налог на Директорот на УБК исполнувајќи работни обврски исто така согласно Законот на МВР. Началникот на Петтата управа имал дадено изјава во архивите на внатрешната контрола дека тој му кажал да му помогне на Саше Марковски додека бил во Собрание, а тој за тоа ќе го известел неговиот претпоставен бидејќи бил упатен према него, за да за кратко Саше го информирал дека Директорот е информиран и знае дека тој е со него и навистина не знал каде е неговата вина. Наведе дека Обвинителството го споменал Г.А. во корелација со него, па го замоли судскиот совет да размисли зошто би му требал Г. А., кој би бил мотивот. Не бил хакер, не бил информатичар, иако би бил за тоа, зошто не влегол со нив. Истакна дека ниту тој, ниту никој со него немал земено никакви хард дискови, дотолку повеќе што можеби секој што го знаел да се праша што е неговата специјалност или народски за што го бива, тој е инструктор за боречки вештини со завршена обука во неколку европски и азиски земји, ама сигурно не е човек што знае нешто околу компјутери, па ни свој Фејсбук нема и што би рекле познаниците „ако си ги вадел ти, уште ќе си бил таму“, кое е вистина. Наведе дека гарантира дека никој во оваа судска сала не е терорист, а најмалку припадниците на МВР. Направена е голема штета, бидејќи оваа држава вложила во нивните обуки. Исто така наведе дека луѓето и колегите што го познаваат знаат дека е скромен и склон кон завршување на службените обврски одговорно и професионално. Во други услови би молчел, но овде влогот бил голем, не толку за него колку за неговата фамилија и за можноста да се потврди инверзивното однесување на Обвинителството, претворање на вистината во лага, односно Радулов е терорист. Истакна дека Радулов Оливер е и ќе биде до крајот на неговиот живот антитерорист. Како репрезентативец на М. во теквондо бил примен на 18.11.1998 година во баталјонот за специјални намени „Волци“. Во конкуренција од 1.000 биле примени 13, од кои првите тројца во ударната противтерористичка чета на единицата. За учество во конфликтот во 2001-ва бил награден прекуредно со чин водник. Уверението за бранител укажува дека тој придонел за сочувување токму на македонскикот суверенитет и интегритет. Наведе дека можеби бил симпатизер на некоја партија, но никогаш не ги доведувал во прашање неговите професионални обврски за сметка на нешто друго. Истакна дека тогашниот Министер за одбрана В. Б. решил за него да донесе кинески инструктори од најдобрата единица на специјални сили на кинеската

армија, не затоа што бил симпатизер на некоја партија, туку имало нешто друго, па понатаму, после шест месеци напорна обука, да биде промовиран во инструктор на кинеска боречка вештина санда, од тогашниот Министер Ј. М., а дипломата доделена како најдобар курсист лично од тогашниот Началник на Генералштабот на АРМ, Генерал мајор М. С., сегашен советник на Министерката за одбрана, а тоа го постигнал затоа што неговата работа ја работел одговорно и професионално. Наведе и друг пример, а тоа е дека тој бил еден од избраните кој заедно со тогашниот Министер за одбрана В. Б., тогашниот американски амбасадор К. Х., тогашниот Началник на Генералштабот, Генерал М.С. бил во Сараево да ги донесе посмртните останки на трагично загинатиот Претседател Б. Т. и неговите сопатници, кое не било случајно. Понатаму, командо курсот од шест месеци со турските специјални единици не учи да бидеш терорист, туку противтерорист или пак курсот за бодигарди и за препознавање на потенцијални причинители на тероризам во Израел, каде имал шанса од прва рака да се запознае што е тероризам на новото време. Наведе дека знае дека Обвинителството може да каже дека сето тоа е така, но тој на 27-ми помагал тероризам, но наведе дека тоа не е така, како дипломиран криминалист на Државниот факултет во И., должност му е да потсети дека личност која нема криминогени афинитети не може или тешко прави криминални дејанија, а камоли тероризам. Појасни дека од научна гледна точка, луѓето извршители на делото тероризам се луѓе со посебен ментално психофизички склоп. Тој овде како човек кој го проучувал овој феномен, такви луѓе не гледал. Притоа, наведе дека  амнестија побарал не затоа што се чувствувал крив за делото што му го товари Обвинителството, туку како човек што имал фамилија, како човек што животот го натерал нагло да созрее, да биде одговорен за својата мајка и сестра од свои 17 години, поднел барање за амнестија само за да може да биде слободен, за да може да заработува за својата фамилија, но на Обвинителството не му било битно тоа, па се надева дека на судот ќе му биде битно. На крај наведе дека на негови 44 години е избркан од работа, тој и неговите колеги се во зрели години, а избркани се од работа за која 20 години се обучувани и праша што би можеле друго сега тие да работаат и каде би работеле со обвинение, жиг тероризам? Обвинителството им направило и повеќе од доволно штета, им ги уништило нивните животи и сега пробува да ги разори и нивните семејства. Обвинителството им нанесе лузна што ќе ја носат цел живот. Го замоли судот да не додава сол на таа лузна, туку мелем, мелем поистоветен со ослободителна пресуда.

Обвинетиот Мунир Пепиќ во завршен збор наведе дека не е дел од никакво терористичко здружение и дека во Собрание бил службено, не нападнал никого, што било видно од снимката на која се гледа дека не се совпаѓала неговата гардероба и неговите обувки и растојанието со лицето кое напаѓа пратеник. Наведе дека помагал на повредени што било видно

и од изјавите на сведоците и се повлекол тогаш кога проценил дека завршил со активностите поврзани со работата. На 27.04.2017 година бил со службени обврски во Агенцијата за ..., во врска со службата влегол и во Собрание на РМ, се до моментот додека во Собранието имало луѓе и ја информирал службата за се што се случувало на тој простор што може да се види и од презентација на видео материјалот. Откако на тој простор останале само припадници на МВР во униформа и цивил со што немало никаква пречка за неговиот идентитет и службата. Активно учествувал на помагање и извлекување на повредените во настаните. За информирањето на службата пришол и во просторијата каде што бил нападнат и Пратеникот З. С., документирал, известил во службата, но не превзел ниту едно насилно дејствие за што верува дека и сите се увериле од видео материјалот, а верува дека сето тоа го видел и судечкиот совет со што се уверил дека тој не сторил никакво кривично дело.

Обвинетиот Абдуљфета Алими во завршен збор наведе дека го прифаќа се она што го кажал во негова одбрана неговиот адвокат. Истакна дека морал да каже дека првиот ден кога го посетил неговиот адвокат во притвор, кога се запознале го прашал што и како сторил тој ден за да знае, за да може да го брани со вистината, како што му кажал тој, тоа било најлесно да се браниш со вистината. Му кажал се од саатот кога дошол на работа па се до моментот во болница кога го однел пратеникот С., кога потоа и тој заминал во болница за да го прегледа лекар и му дал терапија за повредите кои и него лично му биле нанесени од напаѓачите тој ден. Притоа, адвокатот му кажал дека дел од работите кои оделе во негова корист и дека треба тој да одлучи дали ќе ги каже пред судот со цел неговата одбрана да биде целосна. Бидејќи му посочил уште при првата средба со адвокатот дека сака да каже одредени работи да не се сфати дека тој единствениот Албанец некого предава или напаѓа со цел себе си да се брани. Морал прво да каже дека се што сторил тој ден било со цел да ги исполни неговите задачи и должност и се што направил било со знаење и под команда на неговите надредени. Било невозможно било што повеќе да се стори од тоа што го сторил бидејќи немало шанси против толку луѓе кои надошле низ отворените врати да им се спротивстават или да се спречат од било кого од собраниско обезбедување. Како што се видело на снимките никој друг од собраниско обезбедување не превзел ништо повеќе, дури превзеле и помалку од тоа што го сторил тој, а се гледа на снимките. Истакна дека вратите, поточно десната врата била отворена во моментот кога му ги дал клучевите на Г. Ѓ. и кога истите падналe на подот и луѓето веќе влегле. Бидејќи и адвокатот на Г. Ѓ., кој е негов непосредно надреден кажал во нејзиниот завршен збор дека клучевите му ги вратил, наведе дека се согласува со тоа, но бидејќи тие ја наметнале темата за која сака до крај да биде коректен кон него, морал да каже и тоа дека клучевите му ги дал на Г. Ѓ. – Л. бидејќи тој тоа го побарал, да му ги донесе во ходникот при што не ни знаел зошто му биле,

му ги однел. Наведе дека и денес смета дека тој не сакал да ја отвори вратата со нив, но не сакал ни тој, ниту знаел дека воошто некој друг сакал да ги отвори вратите. Ниеден од сообвинетите не познавал до тој ден освен луѓето од Собрание и со никој немал ништо ниту разговарано, ниту договарано за некаков тероризам или упад во Собранието.Тој ден бил единствениот Албанец во собранискoто обезбедување и ги штител сите кои можел и Албанци и Македонци. Замоли судот тоа да го утврди од доказите кои ги видел.

Обвинетиот Игор Дурловски во завршен збор наведе дека сака да ја искористи можноста да се обрати на судот во надеж дека на тој начин ќе биде поблиску до правдата. Наведе дека додека се обраќа ќе поставува прашања, кои замоли да си ги поставува судот кога ќе одлучува за неговата судбина. Слушајќи го завршниот говор заклучил дека Обвинителството за него тврди две работи. Прво, дека држел потпалувачки говори и второ се коцкал со интересите на државата и тоа не од патриотски туку од материјални побуди, што ниту првото, ниту второто е точно. Замоли кога судот ќе ја носи одлуката за него да се запраша кој е тој потпалувачки говор, што рекол, како и кого потпалувал, со кои зборови повикувал на рушење на уставниот поредок и гарантира дека таков немало да се најде меѓу доказите, затоа што таков нема. На 27 април тој пеел, ја пеел химната на неговата татковина пред Влада, потоа си заминал со неговиот син на ракометна утакмица. Кога се влегувало во Собранието биле пред салата „Јане Сандански“. Се вратил кога на интернет видел дека народ влегува, но не држел говор, бил таму. Ако заради тоа што бил во Собранието заслужува казна како што предлага Обвинителството тогаш побара да биде осуден, но го уверува судот дека освен неговото присуство таму друго за него нема да утврди. Наведе дека судот го слушнал сведокот К. Д. како во неговиот исказ имал несигурност и цело време се двоумел, навел дека мисли дека го видел, но греши, затоа не бил сигурен. Првпат го видел овде во судница, а од кои причини го направил тоа што го направил останувало на неговата совест, ако воопшто ја имал. Замоли кога судот ќе ја носи одлуката за него да се запраша врз основа на што Обвинителството тврди дека се коцкал со интересите на државата и тоа од материјални побуди, врз основа на изјава на обвинет кој велел дека некој друг така му кажал? Колку што тоа го навредувало, колку што сакал на цел глас да викне дека се лаги и бесмислици, колку што сакал на сите поединечно да им опише кој е и што е и колку било непоимливо гротескно, одвратно тврдењето за него дека го плаќале да протестира, сепак за судот, за правдата и во име на правдата, а не во името на неговата повредена личност, кога стои пред судот замолува да се запраша дури и да бил најнеморалната личност која за пари протестира, дури и да се згрозува од помислата дека измамувал десетици илјади луѓе како божемен патриот, дали за него постои еден единствен доказ дека планирал, организирал, учествувал, заговарал,

имал намера или водел разговори за да се случи насилството на 27 април. Дали постои доказ дека знаел за тоа што ќе се случува на 27 април? Наведе дека го уверува судот дека нема да најде затоа што нема. Исто така замоли судот да се запраша зошто го немало во првите страници на описот на настаните во обвинението. Затоа што не бил пред Собрание, затоа што на 27 април како и повеќе денови претходно кога почнал протестот ја испеал химната и заминал. Затоа и за него дури и после сите судења, докази, снимки, изјави од сведоци стоело во обвинението дека само држел потпалувачки говор. Кога ќе ја носи судот одлуката за него, замоли да се запраша што за него докажало Обвинителството, но го повика и повеќе, ако најде доказ за било какво негово учество, негово планирање, за негова намера да биде дел од некакво сценарио на 27 април да го осуди. Затоа не барал амнестија, не затоа што бил смел. Но, пред да одлучи судот наведе дека тој верувал и се уште верува во каузата, се плашел за иднината на неговата земја и сеуште се плаши дека државата му ја украла татковината. Наведе дека членовите на судечкиот совет можеби како луѓе да не се согласуваат или да се согласуваат со него, а можеби поради тоа да им се гади, но дека не можат поради тоа да го осудат затоа што се судии. Иако бил првпат пред суд свесен бил за огромната одговорност која ја имаат членовите на советот. Наведе дека сака да им се обрати директно во надеж дека ќе ги убеди дека тој не е криминалец кој заслужува да го затворат и да го заборават во затвор. Не размислувал за ничие повредување колку и да не се согласувал со туѓото мислење и дека немал лоша мисла во него и бидејќи во моментот кога се носи одлуката М. е поделена држава на наши и нивни. Како тој го гледал судот, судот ја имал задачата да прати порака дека во судницата сите се еднакви без оглед кој какви ставови и убедувања имал бидејќи сакал да верува дека таму се носат одлуки единствено врз основа на докази.

Обвинетиот Младен Додевски во завршен збор наведе дека во целост се согласува со завршниот збор на неговите бранители. Како човек искрено жали за тоа што се случило тој ден, тој немил настан во Собранието на РМ. Истакна дека со неговото присуство во Собранието од 40 минути немал направено или предизвикано некаков чин на насилство, не се однесувал агресивно и немал доведено ничиј живот во опасност, па прашува како тоа успеал да стане терорист. Наведе дека тој ден терористи не видел, а верува дека не видел ни судот од презентираните докази. Не било точно дека урнал заштитна ограда, кога пристигнал пред Собранието заштитната ограда веќе била бутната. Исто така не било точно дека насилно влегол во Собранието, кога влегол во Собранието вратите веќе биле отворени. Тој ден, на 27.04. комуникациите што ги имал со Александар Василевски и со Н. М. биле од вообичаен карактер, дека се долгогодишни пријатели и живеат во иста населба, комуницирале и денови, месеци пред, а и после настанот во Собранието. Не бил дел од никаква организација бидејќи ако бил сигурно немало да влезе во

Собранието облечен во сини бермуди, сива маица со кратки ракави како што го опишал Застапникот на обвинението кој ги презентирал снимките обезбедени од Собранието и од некои ТВ куќи. Во Собранието не бил влезен по ничија наредба, не му било кажано дека треба нешто да направи, ниту нешто направил, судот тоа го видел од доказите. Истакна дека е татко на 14 месечно бебе кое се уште го немал видено, дека неговата сопруга е невработена, неговата мајка е во поодминати години, болна и оперирана од карцином и дека тој е и повеќе од потребен на неговото семејство, дека е единствениот маж и вработен во семејството, затоа го замоли судот за праведна и чесна одлука, одлука со која верува дека нивните животи нема и понатаму да останат зацрнети.

Обвинетиот Јане Ченто во завршен збор наведе дека оваа кривична постапка започнала како еден голем медиумски настан и шоу на Основното јавно обвинителство по нивна иницијатива и истата се водела без притоа да се има во предвид реалната состојба. Преку магла на докази Основното јавно обвинителство имало за цел да создаде слика во медиумите и јавноста дека виновниците за 27 април 2017 година се најдени, меѓутоа трудот на Основното јавно обвинителство таков резултат не покажало. Законот за амнестија во членот 2 став 2 предвидел прибавување на претходно мислење од надлежен Јавен обвинител, по однос на поставеното барање за амнестија, а ОЈО дало позитивни мислења за некои во овој предмет. Зошто ако обвинителството е за правда и вистина, не дало негативни мислења за сите кои поднеле барање за амнестија и со тоа да покаже дека тоа е владеење на правото, а не на политиката. Ако за Застапникот на обвинителството силното владеење на правото подразбира пазар на гласови во Собрание за промена на уставното име, во замена за амнестија и ослободување од кривичен прогон, тогаш не ја разбрал добро лекцијата за владеење на правото каде по Устав сите граѓани се еднакви пред законот, но тоа очигледно го заборавил Застапникот на обвинението и наведе дека во случај да заборавил, го потсетува дека сите сведоци ги прашал за тоа дали ако вратите не ги отвореле пратениците немало да ги има тие немили настани внатре, но тоа заборавил сега да го каже, а од кои причини самиот си знаел. Но, затоа судечкиот совет не подлегна на притисоците тие да одлучуваат за амнестиите и смета дека тоа е за поздрав и затоа целата доверба ја поклонил на советот, без разлика дали ќе го осуди или ослободи или ќе му ја промени правната квалификација бидејќи само судот може да носи пресуда, а не политичките елити. Тоа било мешање на извршната и парламентарната власт во судската, а не владеење на правото. Наведе дека дел од обвинетите зборувале за патриотските здруженија, се изнаслушал во судница што од сведоци, што од обвинети, УБК, МВР, платформи, штабови, надворешни петорки, златни команди, сребрени команди и што уште не слушнал, но наведе дека морал да каже од причина што не сакал да му се валка неговото име и презиме и да го

поврзува некој дека бил соработник на УБК. Во месец март 2017 година јавно во В. се одржал еден и единствен состанок како што го крстиле тој ден на „М. национален фронт“. На тој состанок јавно пред медиуми бил постигнат договор сите патриотски здруженија, коишто биле формирани или требало да се формираат да си помагаат едни со други во смисла на одење на панихида на загинати херои, на културни манифестации и сл. После тој состанок, кој бил јавен и имало медиуми, бил повикан на разговор од тогашниот Директор на УБК, на информативен разговор за да му објасни за што станувало збор. На истиот му објаснил дека нема ништо што да се грижи државата бидејќи тие не се паравојска, туку здружение и дека се регистрирани по сите законски прописи предвидени во Централниот регистар на РМ. Од истиот му било посочено дека гледал на телевизија, а имал и информации дека на протестите доаѓале групи од други градови и дека за да немало никакви проблеми и провокации на протестите да се види со Нинџа, на што одговорил дека не било проблем, но не разбирал зошто требало да се види со Нинџа, кој првпат во животот го видел тој ден и не знаел за кој човек се работи. Наведе дека се видел со него, пиеле кафе и го направиле истиот разговор што го правеле и во кабинетот на Директорот на УБК, а Нинџа тогаш му рекол: „кога ќе идете С. нека биде под контрола се, нека нема провокации на етничка основа или какви било провокации“, одговорот бил дека тој се води како организатор во П. и никогаш немало инциденти и немал никаква намера за тоа, бидејќи бил разумен човек. Наведе дека најодговорно тврди дека дотогаш за него непознатото лице Александар Василевски – Нинџа, ниту му се јавило за некакво мобилизирање на членството, па ниту било за што. Обвинетиот Нинџа во својот исказ кажал дека В. А. му кажал дека го известил и Јане Ченто за критичниот ден на 27 април, но наведе дека доколку така му рекол Директорот на УБК, го излажал. Ниту му се јавил Нинџа, ниту му се јавил Директорот на УБК за што било, а тоа јасно се гледа од листинзите, ниту се видел тој ден со него, ни нешто го информирал. Впрочем на толку агенти од УБК колку што слушнал во судница, што бил тој за да го бараат кога е од П., 125 километри оддалечено од С.. Наведе дека тоа го кажува за да сфати судот дека како од оган бегал од тоа УБК иако кога решил од Влада каде што бил вработен да се врати во П. со работа од финансиски потешкотии, му било понудено да работи во МВР т.е во Управата за безбедност и контраразузнавање, кое веднаш го одбил, бидејќи знае што му се случило на неговиот прадедо, само тогаш биле ОЗНА и УДБА, а сега модерно УБК. Имало некои изјави дека здруженијата ги формирала УБК, но тоа не било вистина. Секој град си имал свое здружение и свој претседател на здружението, ниту УБК ги формирала патриотските здруженија, ниту Јане Ченто ги формирал патриотските здруженија. За обвинетиот Чавков наведе дека со него ниту се видел, ниту имал контакт или било што до денот на неговото апсење кога првпат се виделе во судницата, а Игор Југ го запознал во месец март во В. кога дошол меѓу последните таму. Некој од обвинетите спомнал дека имало два табори на протестите „За заедничка М.”, едни партиски од

ВМРО-ДПМНЕ, а други од чисто патриотски идеи за М.. Во вторите се пронашле тој и Игор Југ. На нивните Фејсбук профили се нашле веднаш, зашто и двајцата биле без влакна на јазикот, тоа што било добро го поздравувале, тоа што било лошо го критикувале и така станале се поинтензивни нивните пишувања на Фејсбук, имало поинтензивно дружење кога ќе се сретнеле во С. на протестите. Во него видел човек иако постар од него скоро 20 години, човек интелигентен и чесен и се слушале скоро секој ден. На критичниот ден, на 27.04.2017 година се виделе во Собранието, мисли дека надвор пред холот од Прес салата, а тоа го видел на една од снимките, а потоа и надвор пред Собранието. Со оглед на настанатата ситуација, гледајќи дека него како личност медиумите го имале земено во око и бил таргет на медиумите, му рекол да оди во П. бидејќи веќе кружеле слики и на порталите со неговото име, презиме и слика. Тој со Југ бил после 22:00 часот, па се до наредниот ден, спиеле во иста соба, не пиштол, туку ноктарче за нокти сечење, ако имал тој ќе го видел, но такво нешто немал. Така „терористите", што ги претставува Основното јавно обвинителство се знале не полн месец пред да се случи настанот од 27 април. Се виделе 4-5 пати јавно, а не тајно, за да прават некакви конспирации. Со Г. А. се запознале преку Фејсбук, првпат го видел кога дошол во П. на митинг, а вторпат кога му се јавил во В. да има состанок на здруженијата бидејќи најблиску на сите им бил В.. После тој состанок им се разишле патиштата бидејќи почнале да ги караат меѓу себе и не се слушале долго. Него после В. го видел во Собранието и тоа на камери се гледало како се поздравувале и толку, а другите ги запознал во судницата. Со тоа Основното јавно обвинителство креира теорија на случај дека треба да бидат гонети по член 313 од КЗ. Наведе дека после 28, 29 дена во притвор го видел Оливер Поповски како зборува со актерот, сега амнестиран В. Ј. кој бил една ќелија над него и го прашал за што е во притвор, а тој му одговорил дека е за 27 април, при што му кажал дека и тој е за 27 април по член 313. Тогаш разбрал дека и двајцата се обвинети за исто дело. Истакна дека е истиот човек пред да биде притворен, но сега со многу поголема килажа, но повеќе созреан и со повеќе животно искуство. Ако македонската јавност не знаела ќе и кажел дека М. А. – Ч. го суделе за кривични дела против државата, односно за шпионажа и дека сакал да организира терористички чети. Можеби неверно, но денес и тој е обвинет за дело против државата, дека мобилизирал наводно луѓе и дека ќе ја рушел државата како терорист. Истакна дека во неговиот живот ниту бил, ниту ќе биде терорист. Точно било дека е идеалист и дека рекол дека ќе се бори за принципите на Асномска М., но никаде не рекол дека тоа ќе го прави со оружје. По најздрава логика тој негов политички идеализам за Асномска М. не подразбирал организирање на некакви чети или групи со оружје, туку борба на идеи и принципи. Од друга страна требал да се цени фактот дека имал свест и дека знае дека со чети, групи и оружје не се зема држава. Истакна дека судот мора да суди по закон, доказ и факти. Презумцијата на невиност има една мошне практична последица, а тоа е дека

Обвинителството и само Обвинителството го има товарот на докажување, затоа што одбраната не мора да докажува невиност, а тоа го предвидува законот. Судот мора да има на ум дека обвинетите се невини и дека Обвинителството треба да понуди цврсти докази за делото кое им го става на товар. Ако Основното јавно обвинителство успеало во тоа, тогаш судот нека го осуди за виновен, ако Основното јавно обвинителство не успеало во тоа тогаш нека одлучи дека не е виновен. Кога судот ќе ги разгледува доказите во овој случај, кога ќе ги оценува и пропушта како низ сито, кога ќе дојде до моментот да ја донесе одлуката замоли за таа одлука да размисли добро и да донесе праведна пресуда. Наведе дека хипотезата на обвинителот си противречи сама на себе со обвинителниот акт и доказите кои тие ги презентирале, а како заклучок посочи дека во отсуство на потребните докази, со кои без никаква двојба би се потврдило дека е виновен за тешкото кривично дело кое му се става на товар, исходот на целата постапка всушност се свел на постоење на одредени наводи и мислења кои го немале неопходниот квалитет за да послужат како цврста основа за осудителна пресуда. Истакна дека во обвинителниот акт се товари за членот 313 од Кривичниот законик дека на ден 27.04.2017 година од 14:30 часот до 22:30 часот имал намера да го загрози уставниот поредок на РМ, па во обвинителниот акт се спомнувало некое здружение „Ченто“ за кое наведе дека не постои и Обвинителството не дало доказ и факт за тоа, со што ја потврдува неговата одбрана дека тоа е измислица и груба лага. Во актот од Основното јавно обвинителство пишува дека обвинетиот Нинџа го контактирал во 14:39 часот што не било точно, нити му се јавил за да го мобилизира наводно членството, нити се видел дента со него, а тоа се потврдило со доказите од Основното јавно обвинителство, тоа го докажале снимките на Основното јавно обвинителство. Основното јавно обвинителство во обвинителниот акт тврди дека тој, Кољо, Југ, Горан, Вилијам, Стефан, Влатко, Младен, Дешо, Захарие, Михаел, Илија, Митре и други НН лица со фантомки на главите во 18:58 часот се упатиле кон Собранието, ја урнале и прескокнале заштитната ограда пред Собранието и се обиделе насилно да влезат на вратата, но на снимките јасно се виде дека не носи маска и дека не тргнал со наведените лица од „Дион“ и дека не влегол насилно. Како што може да се види од снимките што ги презентирало Обвинителството забележал дека околу 19 часот 13 минути и 44 секунди поминувал по кејот на реката Вардар, а не како што тврди Обвинителството дека бил во „Дион“ со Нинџа и другите. Во 18:50 толпа народ влегувала во Собранието и тоа била поголема група на народ, околу 19:08 часот околу 80 луѓе влегувале по холот што води кон Прес центарот. Потоа од снимките забележал трета група околу 100 луѓе во 19:14 часот како се упатувале кон Прес центарот и во 19:26 часот околу 170 луѓе колку што пробал да изброи, се качувал и тој кон Прес центарот. Наведе дека нејасно е како е можно Обвинителството да тврди дека тој ја повикувал, насочувал и водел толпата кога од снимките се виде дека и тој се движи како илјадници граѓани низ Собранието. Истакна дека во Собранието влегол околу 19:20

часот или 19:25 часот што значи цели 30, 40 минути влегувал во Собранието откако голем дел на граѓани веќе биле влезени, што укажува на фактот дека ниту водел некој, ниту носел маска или какво било оружје. Околу 19 часот и 40 минути го напуштил Собранието, а тоа се виде и од снимката УСБ 6 new folder снимка 2, каде што се гледа дека го изнесуваат Пратеникот С., тука се симнувал и излегувал од Собранието, потенцирајќи дека во Собранието, влегол сам околу 19:20 часот, а го напуштил околу 19:40 часот или 19:50 часот. Сведокот С1 и Основното јавно обвинителство тврделе дека имал комуникација со Митко Чавков за да ги онеспособи камерите внатре во Собранието. Според него тое е траги-комедија, доколку било така зошто тогаш меѓу последните влегол во Собранието? Наведе дека не ни обрнувал внимание на камерите и истите не знаел каде се поставени. На една од снимките што ги презентирало Обвинителството мисли дека била од мобилен телефон 2, Обвинителството тврди дека го удрил З. З. во стомакот, но колку што знае господинот З. бил сведок и не кажал такво нешто. Точно било тоа што успеал да види дека замавнал во тој општ хаос, но дали го удрил не знае. Тоа треба медицинските белешки да го докажат, дали имал повреда во стомакот, но Основното јавно обвинителство заборавило да каже дека внатре се испукало од пиштол, по што во таква состојба замавнал кон тогашниот Пратеник З. З., а денес Премиер. Наведе дека тврдењето на Основното јавно обвинителство дека се заканувал на пратениците не било точно, туку како што велело ОЈО со прстот кренат му велел на господинот З. „Ти ли ќе ја бришеш преамбулата на дедо ми и партизаните”. Таа била вистината. За таа негова постапка изрази жалење и каење од човечки аспект, бидејќи не е насилен човек и искрено се кае за тоа негово замавнување, но тоа било резултат на пукањето на еден од луѓето кои стоеле пред З. и тој во афект замавнал, но тоа не било тероризам. Ниту знаел кој имало во Прес салата бидејќи тогаш имало огромно количество на адреналин, возбуда и општ хаос, кога влегол внатре во Прес салата сите лица веќе биле раскрвавени и тој бил удрен со предмети. Лага било дека го удрил С. со некаков црвен чадор и дека се радувал надвор и дека кажувал оти го газел, бидејќи ако имало нешто такво Основното јавно обвинителство ќе го презентирало. Се виде кој го газел Пратеникот С. и за тоа имало посебен судски случај. Тоа насилство што се случило во Собрание не било тероризам и навде дека нема да прифати таква правна квалификација. На почетокот од страна на судот бил прашан дали се чувствува виновен и тогаш одговорил дека не се чувствува виновен за делото кое му се става на товар, а тоа го потврдиле снимките на Обвинителството. Сосема спротивно од она што го пишува во обвинителниот акт, ниту еден од сведоците не посочил дека го видел во Собранието, дури ни господинот З. во неговиот исказ, освен сведокот С1 кој како што кажал, излажал и наведе дека еден ден некој ќе сноси одговорност за тие лаги. За да се увери судот во фактот дека жали за неговата постапка што ја направил доволно било да каже дека на ден 12.02.2018 година во исказот што го дал во Основното јавно

обвинителство кажал дека има претпоставки дека несвесно можеби замавнал кон господинот З. З. и дека бил кај Генералниот секретар Д. Р. во Владата на РМ и му изразил жалење за таа негова постапка од човечки аспект, бидејќи тој не е насилен човек и чувствува грижа на совест и затоа уште пред да биде уапсен се извинил за неговата постапка, ако го удрил господинот З.. Еден од сведоците, вработен во МВР, во делот на сообраќај мисли дека бил началник, го прашал дали имале сознание дека некој од другите СВР при МВР, ги известил за собирање на групи во другите градови, на што сведокот одговорил дека немало такви информации за собирање на групи што тргнале организирано кон С., што било уште еден доказ дека немало намера и смислен план за упад во Собранието од негова страна. За да добие судот целосна слика кажа дека тој во Собрание влегол сам на отворени врати и без никаков проблем, ниту го сопрел некој да влезам, ниту му се јавил некој за тој ден дека нешто ќе се случува, влегол како што влегле илјадници граѓани. Сам влегол во Собрание и ги поддржувал протестите, а тоа го покажале и снимките дека сам влегол во Собрание, а не со некакво си мобилизирано членство. Реално, македонскиот народ протестирал шеесет и повеќе дена, мирно, тој бил еден од организаторите во П. и никогаш не се случил ниту еден инцидент. Од оваа дистанца гледано сето можело да се спречи ако преовладал разумот кај политичките елити кои и едните и другите во тоа време го надувувале балонот кој експлодирал на 27.04.2017 година и се случиле тие немили настани за кои искрено жали од оваа временска дистанца, бидејќи научиле дека работите мораат да се решаваат со договор меѓу политичките елити, бидејќи ако не се договорат тие народот може да реагира на начин како што реагирал на 27.04.2017 година, емотивно и со измешани чувства во тие мигови не може да се расудува што е добро, а што лошо со оглед на настанатата ситуација како што била на 27.04.2017 година. Сведокот С. во неговиот исказ навел дека во „Дион“ дошле здруженијата од „Тодор Александров“, и некои други и во тој дел од исказот не го спомнал. С., исто така, кажал дека поранешни припадници на лавовите од П. и Б. биле кај споменикот Прометеј, па со оглед дека е од П., може да звучи дека и тој бил таму, но тој никогаш не бил дел од лавовите, бидејќи тие биле формирани 2001 година кога имал 12 години и затоа сакал да го каже тоа, за да има судот јасна слика. Михаел Младеноски во својата изјавата меѓу останатото кажал дека се работи за едно сценарио со кое биле изманипулирани голем број на луѓе со цел исполнување и заштита на некои и некакви нивни интереси, а со тоа сценарио биле запознаени дел од обвинетите. Осврнувајќи се на амнестираниот Захарие Симовски наведе дека тој кажал дека обвинетиот Ченто само поминал од таму, но не тргнал со нив од „Дион“, а во поглед на тоа дали носел пиштол, Захарие кажал дека го слушнал тоа како му го кажува на трето лице. Според него загрозениот сведок С1 навел куп лаги во своето сведочење, тоа се потврдило од материјалните докази кои ги презентирало Обвинителството. Сведокот С1 навел дека во 2016 година со Т. С. во Л. формирал некакво здружение „Ченто“ што е апсолутна лага,

бидејќи во Лондон бил на семинар финансиран од ЕУ, а не за да формира здружение „Ченто". Наводите на сведокот С1 дека имал прстен со симболот на МНФ и дека го изгубил во Прес салата било уште една лага бидејќи ако имало таков прстен, Обвинителството ќе го презентирало како материјален доказ. На 27.02.2017 година кога почнале протестите „За Заедничка М." јавно повикал на соработка меѓу З. З. и Н. Г. и да преовлада разумот и да се надминат настанатите проблеми. Сведокот навел дека тој имал средба со А. К., Нинџа и Игор Југ и уште неколку други лица . Точно било дека тој и А. биле кај Игор Југ и седеле во „Баба Цана" на ручек, но наведе дека не знаел дека ќе дојде Александар Василевски - Нинџа. Кога дошол се приклучил на масата, седеле и разговарале, но не како што сведокот тврдел дека тоа било средба за да се договори финансирањето на здруженијата што било апсолутна лага. Александар Василевски Нинџа во својот исказ кажал дека добил задача од УБК да провери дали биле проевропски или проруски настроени, па наведе дека веднаш ќе одговори, биле промакедонски. Наведе дека лага до лага било сведочењето на загрозениот сведок С1 кај што тврдел дека бил во некоја кафетерија на Кеј, а тоа може да се провери по базни станици дека во С. влегол околу 19/19:10 часот, така што паѓало во вода тврдењето на С1. Потоа сведокот кажал дека се сретнал со Нинџа во „Дион", но од снимките што ги презентира Обвинителството се виде дека тоа било лага и дека не се сретнал со Нинџа во „Дион". Потоа сведокот С1 тврдел дека носел пиштол што било уште една ноторна лага и манипулација за да му се наштети. Сведокот С1 кажал дека го удрил и Д. М., но Д. М. бил сведок и не кажал такво нешто. Што се однесува за С., наведе дека најодговорно тврди дека го нема удрено како што тврдел сведокот С1 и Обвинителството. Сведокот С1 навел и дека бил во постојана комуникација со тогашниот Директор на БЈБ Митко Чавков, што било уште една лага бидејќи ако имал контакт со него Обвинителството ќе извадело листинзи, но наведе дека најодговорно тврди дека немал контакти со Митко Чавков. Сведокот С1 кажал и дека пучот бил организиран од Г., Ч., а тој бил мозокот, па оттука нејасно му е како било можно ако тој бил мозокот, да остане помлад соработник во УЈП со плата од 20.000,00 денари и кредити од 10.000 евра. Истакна дека жали што останале ускратени Крсто Мукоски да каже од кои побуди и со каква намера ги отворил вратите во Собранието. Нагласи дека тој со никој од предметите кои биле набројани од повеќе сведоци како што се стативи, држачи од фотељи, монитори или било кој друг предмет не фрлил по пратениците. Воедно се осврна на делот на исказот на сведокот Ф. Р., која рекла дека ниедно од тие лица кои насилно се однесувале кон неа на 27.04.2017 година во просториите на Собранието не се наоѓа во судницата, па смета дека обвинетите биле селективно бирани. Истакна дека пратеникот П. Б. не се чувствувал загрозено бидејќи знаел дека објектот има безбедносни механизми кои ги отвориле сега амнестираните пратеници. Воедно се осврна на исказите и на сведоците П. Ш., Е. И., П. А., К. К. и смета дека никој од нив не го посочил него како лице со фантомка или како лице кое применило насилство и носело оружје. Посебно нагласи

дека да биле затворени вратите толпата немала да влезе во Собранието. Воедно наведе дека изборот на Т. Џ. за Претседател на Собранието не бил спречен од масата народ која влезе во Собранието. Истакна дека пратениците, сега амнестирани кои се најодговорни, нема да сносат правда благодарение на политиката, иако се видело неумешно отфрлање на одговорноста на вината на Основното јавно обвинителство кога дало позитивно мислење за нив. Нагласи дека не бега од одговорност за тоа што го направил бидејќи бегале само кукавиците кои не сакале да се соочат со правдата, но го убедува судот дека ниту имал намера, ни умисла, ни план за тоа за што го товари Основното јавно обвинителство. Целиот процес бил тежок и за нив и за судот, на моменти се видела селективна правда уште кога се пуштале пратениците без денар гаранција, а лично него го вратиле во притвор иако докажал дека бил во право и дека ја почитувал наредбата на судот. Бара од судот да ги погледне фактите и да донесе праведна одлука. Секој којшто згрешил пред словото на законот треба и мора да одговара, бидејќи само така ќе има правда за сите, но вистинска правда, при што се повика на член 398 од Законот за кривична постапка, став 1 и 2. Истакна дека не може да научи никого на било што за 27 април, освен тоа дека се случил немил настан кој оставил дамка во македонската историја. Но, можел само да направи да почнат да мислат луѓето за правда и дека треба да се понесе одговорност за своите постапки кои ги превзеле на тој кобен ден иако биле изманипулирани од одредени групации и понесени од патриотски емоции тој ден, спонтано, а не организирано како што тврди Основното јавно обвинителство. Наведе дека најлоша работа е кога тој што прави неправда се извлекува неказнето што само го зацврстува злото, а се виде како неказнето поминале некои луѓе благодарение на пазарот и избегале како кукавици и тоа највиновните, а некои останале да се борат за правда и се надева дека тоа судот ќе го цени. Потенцираше дека правдата е двојна, едната е природна, племенита и универзална за која се бори тој, а другата е вештачка, партикуларна и политичка, создадена и наменета, наметната за непосредните потреби на некои луѓе. Тој ја барал правдата. Честа и достоинство биле свети нешта за него и неговата фамилија за кое се надева дека ги сочувал, но за тоа ќе судела историјата. Најголемите душмани на М. не ги суделе по 10, 15 години затвор, оние вистинските терористи кои извршиле масовни убиства и ѕверства во минатото, не биле осудени иако ја нападнале М.. Истакна дека историјата, а и народот го памети судењето на М. А. – Ч. и како тоа завршило, а денес Ченто е на белите страни на историјата, правдата стигнала и за него, иако задоцнета. Наведе дека судот овој предмет го водел максимално професионално и дека истиот е од историско значење, за него ќе се пишуваат магистерски и докторски тези. Исто така и судската пресуда ќе биде историска. Истакна дека е спремен да понесе одговорност за неговата постапка што ја направил внатре во Собранието, но не бил спремен да понесе одговорност за член 313 за Терористичко загрозување на уставниот

поредок. Спремен бил да поднесе одговорност за тоа што го направил тој ден.

Обвинетиот Горанче Анѓеловски во завршен збор наведе дека на едно од првите рочишта на расправата ги запамтил зборовите на Претседателот на советот дека сме тука исклучително за утврдување на вистината за настаните од 27 април, па ќе почне од тој ден. На 27-ми април бил на работа во В., вработен во Јавното комунално претпријатие „Водовод“ В. како инкасант, а неговата работа била да чита часовници, мерила за вода на повеќе од 3.000 домаќинства во В.. Тој 27-ми бил на работа до три часот, било крај на месец кога ги подготвувале белешките за претплатниците. Објасни дека како вработени во администрацијата, во јавните претпријатија, присуствувале station наназад две и пол до три години на протести, кои биле задолжителни и така, имало протести, контрапротести, дом, движења, проектот „За заедничка М.“ на кој исто учествувал во В., во П. одел па дури и во Долнени го пратиле еднаш во општината, на тие протести кои траеле „За заедничка М.“ отишол и во С., жали што не биле во судницата Д., Б., но добро било што е Д., кој можел да потврди дека тој присуствал во С. многу пати. Исклучиво тоа го правел од чиста мисла, од чиста намера, од патриотски причини. Во тие моменти сметал дека така треба се до денот 27-ми. Нагласи дека дошол во С. сам со И. С., не ангажирал ни здружение ни пак се јавувал на некој претходните денови, претходните месеци ниту се договарал со некој, нити имал намера да организира нешто лошо. Во врска со здружението „Ќосето“ наведе дека било формирано во септември 2016 година, регистрирано легално стои во Централен регистар, имале архивски печат, имале Статут за работа на здружението и истото исклучиво било во насока на чествување на загинатите борци од Илинденското востание, после Илинденското востание и АСНОМ. Со оглед дека Обвинителството за тој ден 27-ми го обвинува дека тој го мобилизирал членството на здружението „Ќосето“ што не било вистина, единствено од здружението во С. биле тој и И. С. кој сега е амнестиран. Од 73 луѓе, обвинет за немилите настани во Собранието останал само тој од В., па наведе дека не му е јасно како успеал да го мобилизира здружението, ниту еден доказ, ниту еден позив, апсолутно ништо, неточни тврдења. Кога дошле во „Дион“ со Илија, Нинџа седел на масата десно. Пред се наведе дека мора да нагласи дека не го познавал Нинџа, ниту пак имал контакти со некој од нив, имал слушнато за нив и исто ги гледал на протестите, ги имал видено исто и пред .ржавната изборна комисија и тие биле таму, но немал никакви контакти со нив, апсолутно никакви. Ги поздравил пред „Дион“, а Нинџа отишол, влегол внатре во „Дион“, каде имало повеќе луѓе. Со Коле седнале на иста маса, се запознале и го прашал: „што е работава што се дешава“, а тој му рекол: „не знам, изгледа ќе се поставуваат шатори пред Собрание“ . Едно време сите гледале на телефоните, ја гледале седницата од Собранието, било напнато се, сите што биле внатре во „Дион“ излегле надвор од кафичот, застанале кај Банката, а снимките тоа убаво го покажувале, мисли дека еден од браќата Михаел или Стефан не се сеќава го прашале

„маска имаш ли?“, а тој им рекол „немам, што ќе ми е маска“, му кажал дека нема, а тој му рекол „почекај тука може ќе се влегува во Собрание“. Останале таму со тие луѓе, разговарале, отишле со мотор негде, Михаел мисли дека бил, отишол некаде со голем мотор. Не го познавал тогаш Михаел, односно повеќето и не ги познавал освен Д., Д., Б., Ј. и И. го познавал, другите апсолутно никој. За 20-тина минути се вратиле со моторот, дошол накај нив, мисли дека Михаел, не Стефан, со книжна кеса и како што биле насобрани им ја подал кесата, ја отворил тој и почнале луѓето да земаат од кесата. Настанала општа галама тогаш, гледале на телефоните и рекле дека ќе се гласа Претседал на Собрание, а атмосферата ја зоврело претходно пеењето на албанската химна во Собранието, дополнително на тоа бил изборот на Т. Џ. за Претседател на Собранието. Тоа било кулминација на збиднувањата таму, се створил хаос, почнале сите што биле таму кој да трча накај Собрание преку Трговскиот центар, кои ставале маски на глава, некои не ставале, тој имал во тој момент 133 килограми, а сега бил ослабнат 30 килограми бидејќи бил болен од дијабетес, така да не се ни трудел да трча, бил меѓу последните. Кога стасале пред Собрание народот веќе влегувал во Собрание, отворени биле вратите. Наведе дека мора да нагласи дека луѓето што трчале накај Собранието не биле насочувани од никој, немало никакви инструкции од никој, никој не ги повикувал, мисли дека тоа го направиле своеволно. Влегле во Собранието како и сите луѓе што влегле, тој отишол десно во големата сала, имало народ таму, скоро била полна салата кога стасал, се пеело, се викало, се скандирало, но немало пароли од типот „убијте ги“, немало заканувачки работи во големата сала, пееле песни, викале „М., М.“. После оттаму излегле од големата сала, луѓето се движеле по скалите нагоре накај Претседателскиот кабинет, првпат влегол таму, а на скалите имало кордон од полицајци. Наведе дека за жал тука бил обвинет дека го пробил кордонот и дека некој полицаец го фатил за раката и тој му ја отфрлил раката, тоа било исто објаснувањето и во неговото барање за амнестија од страна на Обвинителството. За жал од снимките можело да се види како луѓето слободно поминувале меѓу полицајците на скалите, во таа положба во која била полицијата доколку не пропуштела не верува дека некој ќе се искачел нагоре од таа позиција. Истакна дека бил припадник на Единицата за брза интервенција „Лавови“ во 2001 година, учествувал во многу акции, „Јегуновце“, „Рамно“, „Требош“, Неготино гостиварско каде што ги ослободиле киднапираните на наплатната рампа што биле во АРМ и специјалните единици имало комбинирано, кажа дека не сака да се фали, но учествувал во една фингирана војна која ја наметнале политичарите, не се гордее со тоа, напротив, исто како и сега, политички игри. Појасни дека во тој момент не знаеле каде се движат, оделе стихијно со масата, имал и маска и ја вадел и ја ставал, не знаел што прави, тој ходник водел кон Прес салата, не знаел, не му кажал никој ни тогаш, ниту пак го повикал некој. Кога стасале на крајот од ходникот, тука имало некој човек кој кршел од инвентарот, вратите ги кршел, огледалата ги кршел, слики, се обидел да го фати за да

не крши, но било безуспешно и се откажал. Отишол, десно тоа било Прес салата каде имало гужва пред Прес салата, имало кавги, расправии, не знаел за што се работи во тој момент, просто се вратил назад по истиот пат по кој што дошол. Неговото задржување во Собранието било отприлика максимум 15-тина минути. Наведе дека Обвинителството му става на товар дека пред Прес салата се буткал, се тегнел и дека влегол во Прес салата и дека мавал со предмети кон пратениците со сите останати, но тоа било лага, тој не влегол во Прес салата, тоа било факт што можел да се утврди од снимките, од доказите, од сведоците. Тој ден не повредил никого, апсолутно, во спротивно ако се докаже тоа, наведе дека бара да биде најстрого казнет. Нагласи дека не влегол во Прес салата воопшто. По неговото излегување од Собранието се упатил накај „Жена парк“, изморен, задишан, шеќерот му бил качен, седнал на една клупа, а десно од него стоеле браќата М., Нинџа, од УБК имало, после видел кои се луѓето и сега ги дознал всушност имињата, прво ги мешал Н., Г.Б. мислел дека е, не ни знаел кој е, стоеле со Нинџа во паркот, на растојание од околу 5 метри од него, но не знае што разговаарале. За 10-тина минути му пришол Г. Б., му се легитимирал и му рекол да оди да му помогне на Сашо Марковски, но тогаш не знаел како се вика, и му кажал дека Сашо Марковски во Собранието имал нешто работа и дека само требало да го озбебедува да не го нападнат, а со оглед дека него го познавале протестантите не би требало да има проблеми. Се согласил, носел црн дуксер, истиот тој во Собрание што го имал, му ја извлекол врвцата што ја носел, светла боја била и му дал капа која ја зел од некој, најверојатно колега бил и моторола мисли дека била на Сашо Марковски и се упатиле кон Собрание. Со нив дошол и Оливер Радулов, кого не го познавал тогаш. Отишле од задната врата, преку луѓето, се пробиле отишле од задната врата на Собрание, „Винар“ влез, се легитимирале на службеничката Оливер и Сашо дека имаат работна задача. Таму имало повеќе од собраниското обезбедување не била само девојката А.. В. во Пријавницата, Сашо Марковски му рекол: „ти остани тука, ние имаме работа“ и отишле, но не знае каде при што му ја оставиле моторолата, излегле од една врата, ги немало околу 20-тина може и повеќе минути. Во Собранието тогаш се вклучил аларм многу јак, силен шок бомби почнале да се слушаат, полицијата приведувала, тој останал во портирницата, па му се јавил на Коле и му рекол: „Кољо, види кои се луѓево ситуацијата е ваму лоша, не можам повеќе да ги чекам тука“. По тој разговор се јавил Оливер Радулов и му рекол да почека дека ќе дојдат. Ситуацијата била сериозна, собраниското обезбедување почнало да го зема оружјето, пиштолите, полицијата постапувала, имало тепање, влечење, почнала да апси полицијата, настанал општ хаос. Само седел во ќошот на портирницата и ја наместил капата уште подолу за да не го познае некој, да не го уапсат. После 5-6 минути откако му се јавил Оливер дошле од таму и Оливер и Сашо, од истата врата од каде што излегле оттаму и дошле, не носеле ништо со нив, апсолутно не видел ништо, ниту пак му кажале каде биле. Оттаму се упатиле низ ходникот, Оливер Радулов одел

напред, а Марковски позади него, па тој од причина што ако некој ги легитимирал имале значки, службени лица. Потоа слегле во гаражите на Собранието, таму биле луѓето полегнати по земја, уапсени, имало доста уапсено, во тој моментот некој од тие луѓе го препознале и му рекол: „Г., Г. дај помогнете ми“, а тој уште толку ја наведнал главата и почнал да зборува на моторолата како да била вклучена иако не била. Излегле таму на некој излез кај Градска болница, таму исто постапувала полицијата, тепала, фрлале шок бомби, напред одел Оливер, не ги запирал никој, имале значки, во таа гужва се пробиле од таму и ја пресекле улицата што водела кон Трговски право во „Жена Парк“. Отишле таму, каде пак стоеле истите луѓе Г. Г., Н. Б., Нинџа, Кољо, браќата М., З. кого тогаш не го познавал, не знае дали бил таму, не се сеќава. Тоа била вистината и од негова гледна точка имало само една вистина и не можело да има сто вистини. Нагласи дека многу му е жал за настаните од 27-ми. Не само што настрадале пратеници, не само што се нанела штета на фамилии, туку исто така наведе дека и тие се фамилијарни луѓе, а тој има три деца, 9, 11 и 21 година му е најстариот син, а последиците од настанот од 27-ми ги чувствувле сите. Уште еднаш нагласи дека жали за се што се случило, но дека во никој случај тој не е терорист, туку обичен човек, фамилијарен, вработен во „Водовод“, сега веќе не, бидејќи добил отказно решение, исто и неговата сопруга била избркана од работа, а како и секој вработен човек имал кредити и ги трпеле последиците од настанот. Наведе дека со тоа не сака да се правда ниту да добие нечии симпатии и мисли дека ја кажал вистината за 27-ми.

Обвинетиот Игор Југ во завршен збор наведе дека неговите завршни зборови се завршни зборови на човек кој цел живот го водело срцето, никогаш разумот. Заради таа негова особина цел живот плаќал туѓи цехови, добивал удари наменети за другите, заради тоа бил нула од сопруг и родител затоа што секогаш туѓите интереси и проблеми и нивното решавање ги ставал пред проблемите и потребите на неговото семејство, затоа сега кога му е најтешко никој од тие што ги штител и помагал не му рекол ни едно благодарам во моментите кога му било најтешко, кога се одлучувало како ќе го проживее остатокот од неговиот живот, зад него застанале само оние кои цел живот ги запоставувал, неговото семејство, единственото нешто вредно што го поседувал, а никогаш доволно не го почитувал и ценел. Наведе дека бил роден во семејство на интелектуалци, комунисти и атеисти по убедување, дали затоа што така сами избрале или пак зошто тогашното време, поредокот и нивните функции, тоа без право на втор избор им го налагале, тој и денеска не може да го тврди со сигурност ни едното, ни другото. Негов кум бил Ј. Б., Министер за внатрешни работи во Владата на бившата СФРЈ и последен Претседател на Социјалистичка РМ во рамките на споменатата СФРЈ, па од тоа судот би можел отприлика да створи слика во каква средина и со каков вид на воспитување израснал. Се доаѓало до парадоксот кој можел да се толкува на два начина, како скршнување од вистинскиот пат или како позитивна промена и идеолошко освестување. Тој, парадоксот бил тој, Игор Југ,

детето пораснато во семејство каде за Бог и за религија се сметале другарот Тито и КПЈ израснал во тврдокорен десничар, строг следбеник на идеологијата на Д-р А. С. и Х. странка на правото, тоа се однесувало за хрватската историска и политичка сцена и доживотен следбеник на идејата на Т.А. и десното крило на ВМРО попознато како Автономистичко крило на организацијата. Кога во неговото излагање кажувал дека е следбеник на десното крило и неговата идеа мислел на десното крило на Организацијата ВМРО, а не на било која партија која префиксот ВМРО го има пред своето име. Истакна дека идеолошки идоли не му биле денешните десни политичари затоа што мнозинството од нив ги познавал кога носеле скинати старки, костуми од „Шутекс“ и возеле стокецови со варени куки, а сега станале милионери и недопирливи, со нивните плати сигурно тоа не го постигнале, па така тие не му биле идеолошки идоли, туку идеолошките икони на ВМРО, Б. С., Т. А., В. Ч., М. Б., Б. Д. и за некои контраверзниот, а за него достоен за почит И.В. М.. Исто така наведе дека не помалку ги почитува и великаните од социјалистичкото крило на ВМРО Г.Д., Д.Г., Н.К. и останатите, но дека сепак е десничар кој Т. А. го нарекува татко. Најсреќни периоди во животот не биле деновите кога се раѓале неговите деца, најсреќни периоди во неговиот живот биле септември 1991 година кога РМ станала независна држава и август 1995 година кога со операцијата „Олуја“ хрватскиот народ и војска го истерала окупаторот од Х. и ја прославила со крв стекнатата  слобода. Истакна дека е еден од најтврдоглавите луѓе кои се родени на планетата земја,така што некои таа тврдоглавост ја нарекувале карактер, некои намќорлук, некои неприлагодливост, но за него тоа бил дел од неговиот ген. Татко му и чичко му го учеле дека нивното семејство потекнува од славните Сењски Ускоци, племе кое не успеале да го покорат ниту поробат ни најголемите светски сили и војски, ниту Т., ниту М., ниту А.. Тој никогаш на никој не должел ни цент, не украл ни мастика во животот, никогаш не работел со дрога, со оружје, најголем криминал кој го направил во животот биле тепачките кои заради неговата тврдоглавост никогаш не ги избегнувал, без оглед на исходот или надмоќноста на противникот, а најчесто се тепал за некој друг, а не за себе. Нагласи дека неговиот син единец починал пред 2 години на 23 годишна возраст, а бил апсолвент на факултетот за безбедност, а татко му му починал на раце кога бил момче од 16 години. За смртта на мајка му бил поподготвен, имал ... години и веќе бил навикнат на смртта зошто во меѓувреме му загинале најдобрите другари меѓу кои и неговиот кум. Негови идоли чија идеологија ја следел цел живот биле револуционерите и творците на идејата за слободна земја, која ќе се вика М., а народот и јазикот македонски и дека никогаш не би прифатил платформа направена во странска земја да одлучува за иднината на неговата земја, па макар таа платформа да била направена во З., во неговата Х.. Наведе дека никој не смеел да одлучува за иднината на М., освен македонскиот народ и тука немало место за преговарања и правење компромиси. Од тие причини од првиот ден се придружил на протестите и не пропуштил ниту еден ден од истите, протестирал од првиот до

последниот ден, некогаш во К., а многу често и на централните протести во С., протестирал зошто мислел дека така е исправно, но ниту еден ден не направиле ниту еден инцидент, не сакал никој да ја прекрстува државата и да го менува и крои Уставот. Наведе дека е Евроатлантски ориентиран, како и секој Х., но не по секоја цена, не по цена на понижување и виткање на кичмата. Во целата ситуација го нервирала една работа, тие што најмногу повикувале да се излезе на протести, самите никогаш не излегле на истите, ниту пак признале дека тие стојат зад организацијата на протестите, а функциите и власта добиени од тој народ кој 60 дена протестирал им налагале не само да излезат, туку и да го поведат тој народ, со оглед да ги бирал да го водат, а не да се кријат зад него, но изгледа не било така. Наведе дека тие што на гневна толпа и ја отвориле вратата, а после на суд се бранеле со молчење, за да не можат да ги прашаат кој им кажал да ги отворат вратите и кој всушност стои зад 27.04 се амнестирани. Уште на првите снимки направени во Собранието за време на протестите, главен лик на сите ТВ канали бил тој. Не правел ништо, но со изгледот и гардеробата направил бум и станал главен лик на протестите во Собранието, станал страшниот усташ. Не прошле ни 2 дена, а Д. М. веќе ја искористил неговата „популарност“ и излегол на јавен прес и го претставил како Игор Југ, осудуван за силување, за убиство и за трговија со дрога, што било капак. Истакна дека во Собранието бил присутен и бившиот Заменик директор на БИА, а сегашен висок разузнувач, Г. Г. Ж., човек кој бил истеран од 3 земји членки на ЕУ и НАТО како персона нон грата. Истакна дека доколку имал задача да го убие идниот Премиер и ако сакал тоа да го стори многу лесно можел да ја заврши работата, бидејќи таму можел било кого од оштетените да задави со голи раце, не му требало оружје, биле 1.000 души на 10 души, во таква ситуација на атентаторот му е загарантиран успехот. Многу луѓе му пришле несметано на З. и го удриле, можел и тој истото да го стори, но во ниту еден момент не се ни обидел да му пријде на господин З., а тоа се виде јасно на снимките од Собранието. Наведе дека од 21.09.2017 година бил во притвор во Затворот во „Шутка“, 17 месеци. Во меѓувреме 3 пати му го менувале обвинението. Го притвориле за Учество во толпа, а на крај завршил како терорист. Ако убаво се прегледале снимките од дроновите кои летале над Собранието јасно ќе се види дека тој бил пред Собранието, пред да се најде на улицата крај „Кејот“ каде се наоѓаат кафиќите. Дошол да протестира како што го правел тоа и претходните 60 дена. Не го повикал Нинџа. Немало потреба никој да го повикува зошто тој ден сите електронски и ТВ медиуми бруеле дека нелегално ќе се гласа нов спикер на Собранието на РМ и од сите електронски медиуми се повикувало да се дојде на протести. Истакна дека во С. дошол со еден другар, а пред Собранието се сретнале со уште неколку протестанти од К. кои нормално ги познавале. Наведе дека е шеќераш и како на сите шеќераши понекогаш му паѓа шеќерот, тоа му се случило и пред Собранието и им предложил на пријателите да отидат и седнат во некој кафиќ да испие една Кока-Кола, пошто тоа е препорачливо во такви случаеви. Тргнале низ „Жена парк“ кон

кејот и цело време на телефоните ги следеле случувањата пред Собранието. Кога стигнале негде кај кубанскиот ресторан, каде мислеле да седнат поради кумановскиот сопственик, пред Собрание почнало да врие, сите од околните кафиќи почнале да стануваат и да одат накај Собранието. Не седнале, продолжиле и тие во правец на кафиќот „Дион“. На снимките се гледа дека во тој момент немало никој во бавчата на „Дион“ каде наводно се случувал собирот за одење накај Собрание. Проаѓајќи покрај „Дион“ внатре го видел Никола Митревски-Кољо кого го познавал 15 години, влегол, се поздравил со него и на истиот му рекол дека одат накај Собрание, бидејќи таму била лудница, а тој му кажал дека и тие одат, а бил со уште неколкумина. Во „Дион“ не се задржал ни 2 минути, туку веднаш тргнале на кај Собрание. Јасно се виде дека одел со Кољо по патот, што било факт, но се гледале и стотици луѓе кои оделе по тој ист пат, а не можеле заедно со нив да тргнат од тогаш празниот „Дион“, како што се тврди во обвинението. Тоа биле луѓето од кафиќите крај кејот и шетачите по таа улица кои понесени од еуфоричната атмосфера пред Собранието која ја следеле на своите мобилни телефони и сами тргнале во тој правец. Осврнувајќи се на исказот на сведокот Д. М., наведе дека тој бил одалечен 5-6 метри од него и бил во спротивниот дел од салата и помеѓу нив стоеле можеби 50, 60 луѓе и било невозможно тој него воопшто да го види, а рекол дека цело време го следел неговото движење и приметил дека бил фокусиран на господин З.. Се виде и тоа дека господин М. константно бил удиран од протестантите и добил многу тешки удари од кои дури му бил скршен носот и истиот обилно крварел и во таква состојба не можел да види ни кој стои покрај него, а камоли да забележи какви дејствија превземал тој во сосема другиот дел од салата со жив ѕид од 50 луѓе меѓу нив. Рекол и дека посегнал по оружје кое го имал во задниот дел од панталоните, што значело зад грбот. Пак се доаѓало до раздалечината, живиот ѕид помеѓу нив, ќотекот, константен, последиците од истиот, но и до уште еден факт, биле свртени еден кон друг што и да не постоеле другите пречки не му дозволувало да види по што посегнува или држи зад грбот. Истакна дека Господин З. целејќи на него рекол дека видел како на човек со брада и црна маица, му испаднал пиштол и истиот човек се наведнал и пак си го зел пиштолот. Сето тоа го видел само тој, затворен со уште 10 луѓе во новинарската кабина предвидена за двајца, а која се наоѓала на галеријата на Прес салата. На снимките од Прес салата се виде дека во ниеден момент ништо не му испаднало и дека ниту еднаш не се наведнал. Сведокот В. М. стоел уште подалеку од него, дури и од господин М., па смета дека немал физички шанси да го види, но тој тврдел дека бил во негова близина и видел како видно забревтан извадил, после кажал дека посегнал по пиштол. Наведе дека тој бил фокусиран на В. Ѓ. бидејќи се плашел разгневената маса да не го нападне зошто се обидувал да ги одбрани пратениците од СДС, заради тоа и се задржал повеќе време во Прес салата. За исказот на сведокот О. С., наведе дека истиот чул од некој и претпоставувал дека обвинетиот носел оружје, но тој тоа оружје не го видел. Истакна дека со претпоставки луѓе не се затварале, ниту пак

претпоставките спаѓале во групата на докази. З.З., сведокот кој рекол дека мисли дека во задните редови имало луѓе со оружје на прашање на обвинетиот зошто тие луѓе несметано не му пришле и не го убиле, зошто за тоа нешто имале прилика, одговорил дека немале храброст. Смета дека и господинот З. исто како и господин С. претпоставувал дека обвинетиот имал оружје кое и тој како и С. не го видел. Во поглед на исказот на З. С. наведе дека не е точен, а истиот на снимките јасно се виде како со маска на главата вршел експлицитно насилство врз пратениците, како ги гаѓал со предмети со големина и тежина доволна да ги убие и носел оружје по кое посегнувал во Собранието. Воедно наведе дека ниту еден полициски службеник кога бил запрашан дали кај некој од протестантите приметил оружје не одговорил потврдно. Командатот на ЕБР М.П. чии припадници на Единицата биле главни актери во акцијата за извлекување на пратениците рекол дека неговите полицајци биле во директен контакт со протестантите, но ниту еден од нив вклучувајќи го и него кај ниеден протестант не приметил било какво оружје. Истакна дека од снимката од мобилен телефон на Оливер Поповски, се гледа како со темен предмет во десната рака си ги поткревал фармерките. Предметот ниту со должина, ниту со ширина не ни потсеќал на рачка од пиштол. Самиот фат со кој го држел јасно покажувал дека тоа можело да биде се, само не пиштол. Заштитениот сведок С1 тврдел дека видел како Игор Југ и Димче Жабата во исто време извадиле пиштоли. Од снимките од Собранието јасно се гледало дека тој и Жабата воопшто не се ни сретнале во Собранието и невозможно било некој да ги видел заедно. С1 тврдел дека и Јане Ченто му го испрал мозокот и го изманипулирал. Тоа ниту било точно, ниту возможно. Вистина било дека на крај и тој и Ченто излегле наместени и изманипулирани, како и илјадниците граѓани кои 60 дена искрено протестирале и тие го извлекле најдебелиот крај од стапот, ама тоа било тоа. Нагласи дека тој не ја рушел оградата пред Собранието, не се обидувал да ја скрши вратата на Собранието, не го предводел народот, влегол внатре откако пред него влегле илјада други демонстранти, не насочувал никого зошто и сам не знаел каде се наоѓа, не пробивал никаков полициски кордон, не нападнал ни службено, ни цивилно лице во Собранието, не скршил ништо, не се ни обидел да биде насилен. Признава дека е виновен што влегол во Собранието и што бил дел т.е. учествувал во толпа и судот да го суди за тоа, бидејќи тоа го сторил. Но, ниту е терорист, ниту учествувал во злосторничко здружување против државата и Уставот. Истакна дека во „Жена парк“ се нашол со Јане Ченто, останале некое време пошто мислеле дека ќе се поставуваат шатори пред Собранието и ќе се продолжи со протестите, но од тоа не биднало ништо и со Јане заминале кај него во Прилеп. Отишол во П. затоа што на Фејсбук добивал стотици закани по живот, не било сигурно да се врати веднаш дома во К., затоа отишол кај Јане зошто така било за него посигурно. Два дена престојувал кај Јане дома, а потоа се вратил во К., кое не го напуштил се до неговото апсење 21.09.2017 година. Кажа дека додека е во притвор му се родила ќерка која на 06.02.2019 година наполнила 1 година и сеуште

не ја видел, не и го чул гласот, не ја зел во раце, но ќе дојдел и тој ден, морал да верува во тоа. Наведе дека ќе заврши цитирајќи ги зборовите на еден негов сонародник голем хрватски патриот З. Б., кој цитат бил изваден од записникот од случајот Државата Њ. против З. Б. и гласел: „Вистина е дека ниедно општество не може да постои без закон, но подеднакво е вистина дека никој не може законски да ги одреди човечките вредности како што се на пример патриотизмот, самопочитта, моралната храброст, чесноста, принципиелноста, честа, достоинството и вербата во подобро утре, а без тие вредности секое општество без обзир колку закони донела е осудено на пропаст".

Обвинетиот Влатко Трајковски во завршен збор наведе дека долго време размислувал што ќе каже во завршните зборови, размислувал во истражниот затвор во „Шутка" во ќелија бр 22 каде што имал неограничено време за размислување, каде била неговата грешка, па според него единствената грешка му била таа што се нашол во погрешно време, на погрешно место. Инаку, наведе дека роден е во едно друго општество, во една веќе непостоечка држава каде немало политички турбуленции, каде што растел се имало почит кон постарите, секој си ја работел својата работа. Потекнувал од револуционерно семејство, по мајка е правнук на нашиот народен херој М. А., а по татко на војвода. Оженет, татко на две малолетни деца, едното 15, другото 5 години. Истакна дека за да се направело тоа што се случи на 27-ми требало да постои некоја цел. Тоа што се случило немало воопшто да се случи, сега немал да бидам обвинет овде и другите обвинети, ако не се отвореле влезните врати на Собранието, а сите виделе кој ги отвори, тоа биле Крсто Мукоски и Сашо Василевски и сите знаеле по чија наредба, на тој што порачувал полици за во село. Во Законот за амнестија јасно и прецизно било нагласено лица кои вршат физички напад врз пратеници, новинари, службени лица и вработени во Собранието, лица што носат фантомки, што го прикриваат својот идентитет, што вршат насилство, лица кои носат оружје во Собранието не ги опфаќа Законот за амнестија и истото било негово размислување. Притоа наведе дека Стефан Младеноски е лицето кое физички го нападнал сведокот Х. Л. удирајќи го со тупаница при што му ја пукнал аркадата, кое нешто произлегло токму од неговото сведочење, но сепак Стефан бил амнестиран, а исто и лицето Захарие Симовски иако истиот носел оружје во Собрание. Истакна дека тој во Собрание бил цело време сам, а не како што кажува Обвинителството дека организирано бил повикан да влезе и нема ниту еден аргумент за него дека со некого разговарал од обвинетите. Обвинетите ги запознал првиот ден кога бил донесен во суд, а претходно никогаш во живот не ги сретнал ниту ги познавал. Појасни дека најнапред се теретел за кривично дело Учество во толпа што ќе изврши кривично дело по чл.385 ст.1 од КЗ и кривично дело Предизвикување на општа опасност од чл.288 ст.3 в.в. ст.1. Истакна дека Обвинителството тврди дека тој со противпожарен апарат го удрил и физички го нападнал пратеникот С. К., но ако го сторил тоа во актот на повредените ќе стоело и името на пратеникот С. К.. Истакна дека тој му

помогнал на сведокот П. А. и на неговата колешка при извлекувањето од Прес салата. Во поглед на тоа дека прскал со ПП апаратот наведе дека тоа што го сторил не било со намера, немал никаква умисла, тогаш бил во тотален хаос начнат уште од 2001, па тоа што го сторил го направил од страв, а прскал само по пратеникот, не и по новинари. По расправијата што ја имал со пратеникот С. К. на горниот спрат многу му било жал што не бил тој тука лично да каже што му рекол. Како пратеник на Собранието што го претставува народот не очекувал од него да биде нападнат со вулгарни зборови, тие зборови биле исклучиво наменети кон него бидејќи во негова близина немало никој, а зборовите биле кажани во множина „хулигани, насилници, вака ли се освојува власт“ после што и го опсул, па од тие причини го земал и ПП апаратот, едноставно сакал да го избрка, но тврди дека никогаш не го удрил со ПП апаратот. Освен тоа наведе дека на снимката се гледа и како пратеникот С. К. со гестикулации на рацете ја подигнува десната негова рака, па плашејќи се тој лично да не биде физички нападнат му задал два удари во пределот на рамењата, првин со левата па со десната рака, а не како што тврди Обвинителството. Истакна дека тој бил изманипулиран патриот знаејќи ја неговата наклонетост кон о
ваа држава, знаејќи на што е спремен да стори за оваа татковина, па го искористиле неговиот патриотизам, го повлекле во тоа што се случи на 27-ми. Наведе дека длабоко жали за сите што биле повредени, но тој таква задача немал, да влезе во Собрание и некого да го нападне зошто и тие биле граѓани на оваа држава. Патриот не било да се мрази противникот, патриот било да ги сакаш сите граѓани кои живеат во таа држава без разлика на вера, политичка партија. Наведе дека во обвинението пишува и тоа дека тој ја подбутнува пратеничката Р.Ш., ја удира по нејзината рака, но од снимката може да се види дека тој не и задал удар, едноставно ја одбутнал, не нејзе лично, туку човекот кој ја имал заштитено. По неговото доаѓање пред пратениците кои биле крвави, тепани, со секакви предмети гаѓани, најпрво морал да ја увиде ситуацијата што се случувала внатре за да може да превземе било каков чекор. Прво што направил се поздравил со сегашниот директор на БЈБ господинот С. Т., се свртел со грбот према нападнатите, ги подигнал двете раце, извикал силно да престанат, дека е доста мавање, за по кратко време да биде и тој мавнат со столче и да ја напушти сала број 3, па наведе дека не му било јасно ако бил терорист зар ќе му помагал на повредените на 27-ми и да имал намера да повреди немало на ништо да личи, од една страна спасува, а од друга тепа. Наведе дека не бара од овој суд да му даде ослободителна пресуда, туку бара да го суди за она што го сторил, само за тероризам не.

Обвинетиот Вилијам Михајловски во завршен збор наведе дека ќе се обиде на негов начин да ги анализира доказите кои беа изведени, можеби не може правно бидејќи не е правник, но ќе зборува за она што го знае бидејќи неговата вера, односно Библијата така го учела. Истакна дека во Библијата има изрека која вели „оној кој кажува тоа што го знае, тој ја

говори правдата, односно вистината и тој ќе говори за себе, а лажниот сведок говори измама, тој ќе загине и ќе одговара пред Божјиот суд“, па бидејќи единствено нешто од што се плаши е Господ ќе го говори тоа што го знае. Наведе дека пред се сака да ја искаже сета негова доверба и почит спрема судот и сака да каже дека судот е праведен, вложил премногу труд во овој случај и го водел во права насока, но на 26-ти декември, за жал донесен е Закон за амнестија од страна на политичките елити. Законот за амнестија е донесен од страна на политичките елити, поради политички цели и политички поени иако длабоко во него нешто му кажувало дека тој закон ќе биде селективен, како што се селективно избрани и тие за обвинети и е донесен за одредени личности, сепак не го послушал неговиот инстинкт, туку постапил по убедување на пратениците кои тука во оваа судница ги убедувале да поднесат барање за амнестија и кажувале дека доколку не поднеле барање за амнестија пресудите се предвремено пишани од судот и ќе им бидат дадени. Тој поднел барање за амнестија иако ја имал целата доверба во судот и сеуште ја има и поднел барање за амнестија не дека се чувствува виновен, туку поради психички проблеми кои ги има во притворот после 15-16 месеци поминати и чувствува дека паѓа психички. За случувањата надвор од судницата притворените не знаеле многу, го знаеле она само што им било презентирано на малите радиа што ги имаат во притвор кај што ги слушаат вестите, па разбрал дека мислење за тој Закон за амнестија ќе дава Јавниот обвинител. Со Законот за амнестија биле опфатени лица кои самите тврделе дека носеле оружје во Собрание, биле опфатени лица кои вршеле насилство во Собрание со фантомки на лице, со прикриен индентитет и биле опфатени и организаторите на протестите. Кога вели лица кои самите тврделе дека носеле оружје во Собрание, мисли на тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Захарие Симовски кој во своја одбрана кажал дека носел пиштол во десниот џеб, а исто кажал дека гаѓал со предмети накај пратениците. Истакна дека и тој ја имал истата понуда од страна на Јавното обвинителство да го каже тоа што го кажал Захарие Симовски и со тоа му понудиле да биде во домашен притвор доколку го каже тоа, но тој не го прифатил тоа. Тој не можел да каже дека го видел Игор кај носи пиштол, кај го репетира пиштолот бидејќи тоа не го видел, ниту пак видел некој од граѓаните влезени во Собрание да носи некакво оружје. Од гледањето на видео записите презентирани од Јавното обвинителство за организиран криминал може да каже дека видел како Игор ги подига панталоните, односно фармерките, но пиштол никој не видел, а исто така човек кој наводно носел пиштол сигурно немало да се потпира на ѕидот со грб бидејќи наводниот пиштол ќе му испаднел, а исто се виде дека Игор добил удари од пендреци силни, повеќе удари, па доколку носел оружје со сигурност тврди дека ќе му испаднело. Кога вели лица со прикриен идентитет кои вршеле насилство внатре во Собрание, мисли на Стефан Младеноски, кој лично го видел како со бокс му ја пука аркадата на сведокот Х. Л., но тој тоа не може да го поткрепи со докази -- бидејќи тоа видео било во Јавното обвинителство и истото не било

презентирано од страна на Јавното обвинителство за организиран криминал од причина што тогаш двајцата браќа обвинети, сега амнестирани уште на почетокот склучиле договор со Јавното обвинителство. Сите слушнале дека Стефан ги купил фантомките и дека го тепал сведокот Х. Л., па од таа причина одбраната на Стефан Младеноски била толку упорна во вкрстеното испрашување и го прашувала сведокот Х. Л. каква медицинска белешка имал, дали за телесни повреди или за тешки телесни повреди. Наведе дека од презентираните видео записи од страна на Јавното обвинителство се видел и Михаел како со фантомка на главата, со шише во раце го мава З.З., истото тоа било внесено и на записник. Истакна дека се било така добро сервирано за да страда чесен народ, луѓе патриоти кои си ја сакаат својата татковина да лежат по затвори за да тие можат да си седат во удобните фотелји и да земаат милионски тендери, мисли на Сашо Василевски и Крсто Мукоски кои се повикувале во името на народот, а истите го наместиле чесниот народ да лежи по затвори. За овие луѓе добил мислење дека народот кој ги избрал не го гледаат како луѓе, туку луѓето ги гледаат само како гласови, односно голи бројки. Овие двајца можеби немале да сносат одговорност и немале да одговараат пред овој суд, но пред Божјиот суд немало да можат да бидат амнестирани, па наведе дека во нашата земја за жал неправдата секогаш ја плаќа сиромавиот, различниот, беспомошниот и послабиот. Потенцираше дека искрено жали што во М. политичарите се мешале во судството, не го оставале судот да си ја врши работата, туку го користеле за политички цели, но политичките елити требало да разберат дека со правда престолот се зајакнува, а со неправда ослабнува. Наведе дека на протестите кои се одвивале под мотото „За заедничка М.“ учествувал секојдневно околу 60 до 70 денови без да направи ниту еден мал инцидент и на истите не излегувал од партиски, туку од патриотски причини. Напомена дека не е член на ниту една политичка партија бидејќи кај не постоела соодветна партија која работи за доброто на граѓаните, политичките елити никогаш не ги интересирало мислењето на народот, нити ги интересирало тоа што поголемиот дел од граѓаните дневно можат да си дозволат само по еден оброк, политичките елити страшно ги интересираат удобните фотелји, сопствените интереси и се натпреваруваат кој повеќе милиони ќе направи на сметка и ќе уживаат во раскошниот живот. Понатаму се осврна на 27-ми април 2017 година и наведе дека тој ден за него бил како и секој обичен ден. Седел дома и ги вршел домашните обврск, а во листинзите имал повик према Игор Југ, кое не го негира. Попладнето го побарал Игор на телефон, не се сеќава точно во колку часот било и му предложил да пијат кафе некаде во чаршија, на што тој му одговорил дека не може, имал премногу работа. Останал дома и на интернет гледал дека нешто се случува во Собрание, се избирал Претседател на Собрание, се избирал на чуден начин, преносот одел лајф и на Фејсбук, но тоа не го вознемирило толку, нормално било да се избере спикер доколку формирале мнозинство. Во еден момент почнала да се

пее химна на странска држава и тоа на држава во која се потпиша „Тиранската платформа“, па тоа го вознемирило и во него се појавило чувство на несигурност и осетил како да го окупира во тој момент, кога се пеела таа друга химна, па тоа било неговиот мотив за да тргне на протестот пред Собранието. Му се јавил на другар му за да му ја позајми колата, а тој му рекол дека ќе оди во С. на протест и го прашал дали видел што се случува, на што му одговорил „да“, затоа и му ја бара колата, но штом ќе оди тој му рекол да помине и да го земе и дека ќе одат заедно. Наведе дека тој на протестот во С. пред Собрание дошол самоиницијативно, ниту некој го организирал, ниту викнал, ниту пак некој тој организирал и викнал како што тврди Јавното обвинителство. Наведе дека не може него да го организира некој Нинџа или некој Кољо кога ниту го познавал, се до оној момент кога се запознале во судница. Откако пристигнал со неговиот другар во С., ја паркирале колата близу до Плоштадот, не знае како да го појасни тоа место бидејќи не е од С., и се упатиле пешки према Собрание. Откако пристигнале на протестот пред Собрание ги виделе нивните сограѓани со лесно препознатливи маици кои ги носеле претходно на протести, меѓу нив бил и Игор Југ. Појасни дека не отишол прво во „Дион“ и оттаму да тргне према Собрание, туку прво отишол пред Собрание, кое можело да се види и од снимките снимани од дрон. Таму застанал со неговите сограѓани кои ги знаел од претходно и Игор после некои 5 до 10 минути не се чувствувал добро, па предложил да одат до некој кафиќ на Кеј за да се напијат по една кока - кола бидејќи шеќерот му паднал. Тргнале накај Кеј и влегле во „Дион“. После една до две минути дури и не успеале да нарачаат ниту за пиење, од сите околни кафичи и од „Дион“ народот станал и се упатил накај Собрание, а исто и тој. Кога пристигнале пред Собранието толпата народ веќе била пред влезните врати, а внатре веќе имало влезено околу 200 до 300 луѓе. Тоа се потврди и од видео записот презентиран од страна на Јавното обвинителство за организиран криминал. Наведе дека тој се приклучил на масата народ, го понела атмосферата и скандирале „М., М., избори“. Наведе дека на тоа видео јасно се гледа кај е, завртен со грб накај полицијата, со лицето спрема народот, па ако удирал сигурно немал да се заврти со грб накај полицијата, а исто јасно се виде дека голема толпа на народ го туркала. Во еден момент вратите ги отвориле и ги пропуштиле да влезат внатре и едноставно може да каже дека ги пречекале на гости со отворени врати. Откако влегол внатре се упатил во Пленарната сала, се движел сам, ниту некој го водел, ниту пак некого тој водел. Во Пленарната сала се задржал околу 15 до 20 минути, таму пееле, ја пееле химната и пееле патриотски песни, а со оглед дека имало премногу народ, било многу загушливо, немало игла ниту да падне и немало воздух, па излегол од таа сала за да земе воздух. Од љубопитност, кога се качил пред кабинетот на Претседателот стоел сам, не водел никаков народ, правел селфи и се гледа дека бил сам, дека никој ниту од неговите сограѓани кои биле на протестот во С. немало до него, а тоа може да се види од видео записот презентиран од страна на Јавното обвинителство за организиран

криминал, именуван како УСБ 4, камера 8 во временски период 19:07:40, а после некои 5 минути народот се упатил во холот што водел накај Прес салата, истото и тој го направил понесен од атмосферата, со толпата народ. Најодговорно тврди дека нити имал намера, верува и дека граѓаните немале таква намера, да влезат во Собрание, туку сакале својот револт да го искажат преку мирен протест кој што се одвивал 60 дена, па доколку не ги отвореле вратите со туркање немало никакви шанси да се отворат истите врати. Истакна дека Јавното обвинителство наведува некои здруженија кои не ни постоеле, а имено „Ченто“ здружение не постои, „Черноземски“ здружение е формирано на 24.05.2017 година, при што во врска со здружението „Черноземски“ на кое е сопственик и еден од основачите, наведе дека на 27.04. тоа здружение не постоело, па како можел да го мобилизира кога тоа здружение не постоело. Тој во Собранието влегол без фантомка и многу било лесно да се препознае. Носел маица, а имало и други луѓе со такви маици со кои во ниту еден момент додека бил со нив не биле организирани. Маицата која ја носел ја носел и на претходните протести, претходните денови, такви маици носеле и уште многу други граѓани, маицата не била од здружение, маицата била само со лик на херојот В.Ч. и никаде на маицата не пишувало македонско патриотско здружение. Истакна дека тој бил на најмалку метар и половина до два оддалеченост од З. С. и немал никаква додирна точка со него и не било точно дека во исто време и со нозе и со раце го удира Пратеникот З. С., а притоа пред него имало 3-4 луѓе и не знае како можел да го докачи З. С. преку тие лица со оглед дека нема нозе долги два метра. Освен тоа тој не негира дека бил во првиот ред, но тој народот го буткал station назад за да не го тепаат З. С.. Истакна дека во текот на оваа постапка се слушнале многу сведоци, го слушнале сведокот В. С. кој кажал дека не постоела сила која можела да ги скрши тие врати, па така да и воопшто да немало полиција, не можеле да влезат внатре во Собрание. Нагласи дека во ниту еден момент не го загрозил терористички Уставот. Тој протестирал од патриотски причини, протестирал против промена на името, против двојазичност на територија на цела РМ, против промена на Уставот, против „Тиранската платформа“, но за сето тоа добил само запретена казна од најмалку 10 години, а тие што го потпалувале народот со потпалувачки говори, што го пуштиле народот внатре да гори во Собранието, тие се амнестирани. Наведе дека доколку ова е тероризам, тогаш тие се срам за правите терористи. Потенцираше дека тој ниту познавал некој од обвинетите освен неговиот сограѓанин Игор Југ, а другите обвинети, едните ги запознал во притвор со кои се гледале на шетање, а другите во судница, така да не можел некој да го организира што воопшто не го познава, ниту го познавал. Отишол од патриотски причини да протестира пред Собрание и завршил како терорист. Напомена дека протестирал против промена на името, но добил притвор, најмалку 10 години затвор, а името се промени, двојазичност на цела територија на РМ. Наведе дека е свесен дека сторил кривично дело што влегол во Собрание и спремен е да одговара за тоа, но не и за тероризам.

Верува во судот дека е праведен и дека ќе донесе праведна одлука. Неговата судбина ја остава во рацете на судот, па и доколку се пресуди неговото мислење за судот дека е чесен и праведен нема да се смени, истото ќе остане, колку и да му се даде ќе го почитува тоа.

Обвинетиот Никола Митревски во завршен збор наведе дека во судницата сите знаат што се случило на 27 - ми во Собрание. Лично жали за тој немил настан, има грижа на совест што морал јавно да ја сподели, пред се да им се извини на сите што биле присутни во Собрание, пратеници, новинари и вработени. Сака јавноста да знае дека тие што влегле во Собрание на некој начин подлегнале и биле изманипулирани од идејата т.н. „Тиранска платформа" предводена од организаторите, тогашни и од политичари. Факт е дека учествувал на протести 10 до 15 пати, за тоа имал и фото албум од секојдневно одење. Во врска со собраниските настани на 27-ми истакна дека биле со големи емоции и чувства кон својата татковина што на некој начин политичарите им ја наметнале без никаква наредба. Наведе дека не бега ни најмалку од неговата одговорност за неговото влегување во Собрание, стои позади секоја негова направена грешка и сите грешки како останатиот народ две - три илјади што биле присутни во Собранието. Факт е признава при чист свест дека вратата стаклена тој ја скршил, не е точно дека ја отворил Г. Ѓ. – Л. како што кажал Стефан. Истакна дека Јавното обвинителство за 27-ми кажува дека Никола Митревски-Кољо ги организирал патриотските здруженија, но во неговиот листинг од двата броја може да се види со кого комуницирал тој ден, а имено комуницирал со МВР на РМ, сметководство, неговиот полубрат, „СТВ" најмалку 10 пати, неговата адвокатка најмалку 15 пати, Д.Г. и В.П., а тие немале допирна точка со настаните од 27-ми и со упадот во Собрание, па не му е познато од каде Јавното обвинителство докажало дека тој пред 19:00 часот се јавил на некого да организира. За 27-ми тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Михаел Младеноски на сослушување во неговата изјава кажал дека му се јавил Кољо во 12:30, го повикал на ручек во „Дион" да дојде со брат му Стефан, при што наведе дека од неговите листинзи може да се утврди дека од 12:00 до 14:00 часот Михаел немал таков позив од него, а немал ни користено интернет. Понатаму, наведе дека не може Јавното обвинителство тврди дека тој повикувал некого, кога во 12 часот и 9 минути се наоѓал на базна станица „Нова М.", во 12 часот и 30 минути се наоѓал на базна станица Автокоманда, во 13:00 часот се наоѓал на базна станица „М. телевизија" каде што во МВР вадел патна исправа, кое многу лесно може да се провери со оглед да на 27-ми имал закажано за обнова на пасошот, а во 13 часот и 20 минути се наоѓал пред Народна банка, а Михаел кажал дека дошол во 1 часот во „Дион" со Стефан и се видел со него. Од 14 часот до 16:15 според базните станици и според неговите мобилни телефони тој се наоѓал во Автокоманда, па не знае кога бил на ручек со Михаел и Стефан или пак најверојатно мислеле дека од говорница им се јавил. Истакна дека не било точно дека бил во

продавницата „Камуфлаж“, а кога стигнал во „Дион“ таму биле Стефан, Нинџа, В., Михаел, Ф., „Шеќер“ викан од Ѓ., се поздравил со сите, влегол внатре, па Михаел му се придружил на коњопој, а дошле и Стефан и Захарие, дошол и Ф. викан „Шеќер“. На ТВ Нова виделе дека се пеела албанската химна, а после извесно време виделе дека Претседателот Т. Џ. го избрале. Тогаш граѓаните без никој да ги спречи ги рипнале оградите и отишле до вратите на Собранието, после и тие се упатиле према Собрание. Еден период низ Трговски одел позабрзано, после Трговскиот се затрчале заедно со Стефан. Не било точно дека во 18:58 часот добил повик од Василевски Александар викан Нинџа, тој тогаш бил во Собрание, а тоа може да се утврди од листингот, кога последен пат Василевски Александар му ѕвонел, а тоа било во 17:12 часот. Во Собрание влегол од десната врата и кога влегол маска не носел, се упатил по некои скали, а на другите скали имало полицајци со штитови, со шлемови кои гледале толпа народ како веќе се симнува од горе надоле. Имало 10 до 12 полицајци и никој не го прашал каде оди и што бара, седеле мирни како генерал некој да поминува покрај нив, веројатно тие биле војници. Се качиле по скалите, имало лево и десно од кај што се симнувала таа толпа, на самите скали имало двајца во одело, а тој едниот бил И., го запознал во судницата, имало уште едно машко лице до него, не го познавал тој, се упатил право во ходникот викан „Длаборез“. Леви го видел право пред една врата стоел со тројца или четворица луѓе облечени во одела, значи не биле полиција. Додека со Стефан самоволно двајцата свртеле десно по ходникот, како што оделе во еден момент Леви го пристигнал од неговата лева страна и му кажал дека нема никој тука, а тој и Стефан оделе паралелно, тој одел позади него од левата страна. Стигнале до една стаклена врата при што Леви му кажал дека вратата се отвара со картичка и му го покажал апаратчето со левата рака, но Леви не ја отворил вратата туку тој доброволно, самоволно ја удрил со нога, таа се скршила, се отворила. Продолжиле со Стефан по ходникот и стигнале пред Прес салата каде имало седум до осум новинари, а имало двајца луѓе пред влезот на Прес салата, едниот лично го познавал, тоа било лицето приватно обезбедување тогаш на З. З., а другото лице не го познавал, тука го запознал и истиот извадил пиштол, го репетирал. Не оспорува дека го удрил во пределот на лицето сведокот С. Т., но тоа го сторил во афект. Тој лично го познавал В. А. од 93-та година, но со него почнал да се гледа почесто 2015-2016 во теретаната „Синерџи“ и лично тој го запознал со А., а воедно таму запознал и многу други министри меѓу кои и К.М. уште пред да стане министер за финансии. Наведе дека не бара ослободителна пресуда и најмалку бега од неговата одговорност затоа што знае што сторил во Собрание, а тоа била една скршена врата, еден шамар, а за тоа не се чувствува како терорист. Наведе дека Игор Југ го познава од 2005 година, а Оливер Радулов го познава по неговата сопруга која била учителка на неговата ќерка од иста населба, значи го познавал повеќе од 5-6 години бидејќи не знае кога се доселил во Автокоманда. Одговорно тврди дека не бил дел од никаков заговор, планирање, упад во Собрание,

упатство за во Собрание и не бил во никаква организација во врска со упадот во Собрание, ниту знаел дека таква организација имало, а во Собрание влегол спонтано, без никаква намера како и останатите и останатиот народ што бил влезен и внатре не го направило ништо да се чувствува како терорист, не се чувствувал за терорист бидејќи терористите не се пријавувале сами.

Обвинетиот Александар Василевски-Нинџа во завршен збор наведе дека во овие 5 месеци низ прашања на сведоците на Обвинителството и на одбраната, сакал објективно да сподели што точно од негов агол видел и слушнал за настанот од 27-ми и пред 27 април. Можеби неговиот исказ допрел до некого, но со чисто срце споделил се што му било познато да излезе вистината за 27 април. Имало многу факти што ги немало во обвинителниот акт, но собрал сила и храброст иако знаел дека после тие факти што ги кажал секој различно ќе го толкува како човек, ги споделил на 6 декември 2018 година, а пред тоа на 14.06.2018 година со Обвинител од организиран криминал. Појасни дека во Обвинителството за организиран криминал соработувал во интерес на вистината и правдата за 27 април без никаков притисок и уцена од страна на Обвинителството, не се спогодувал, туку соработувал. Тие факти што ги кажал, а не биле во обвинителниот акт, од изборите до ДИК, на формирањето на „За Заедничка М.“, преку водачите од кои добивале насоки од тогашното тело на раководството на ВМРО-ДПМНЕ преку „Тиранската платформа“ и двојазичност, учеството на УБК од Директорот до началниците на Петтата управа, оперативците на СНД, Сектор за набљудување и документирање и прикриените операции. Истакна дека командно-оперативниот штаб се наоѓал на осми кат во Штабот на ВМРО-ДПМНЕ по што на позив на С. М. отишол на осми спрат во Штабот на ВМРО каде што ги затекнал лицата С. Р., К.Б., М.Ј., Б.Б. и Ч.. Кога влегол внатре земал чаша вода, земал шише вода и на истите им рекол дека го чека М., по што никој друго ништо не го прашал. Потоа во „Жена парк“ каде што биле началниците од УБК Г. Г., со негов тим од прикриениот тим на УБК, Борче началникот на Петтата управа од УБК, Н. Б., заменик началник. Во „Жена парк“ видел дека било ангажирано лицето Ќосе и уште едно лице да завршат некаква задача за Службата, слушал и од Н. Б. како В. А. му кажал дека во штабот бил дојден и Б. Ј., од Кабинетот на Претседателот кој што секој момент требал да прогласи воена состојба. Слушнал и од тогашниот Началник на УБК кога после 8:15 часот кога почнала да дејствува полицијата кажал дека не била на арно работата и дека некој друг ја превзел командата по што издал наредба прикриениот тим на УБК да излезат и да го напуштат Собранието, по што истиот му кажал околу 8:15 – 8:20 информација дека некој од военото разузнавање му кажал дека немало да има воена состојба. Потоа, исто околу 11:15 часот, дотогаш го знаел како лице М., а мисли и во Обвинителството го кажал како М., меѓутоа од Лазаров тука дознал дека тоа е неговиот син, по наредба на Н.Б. му се јавил околу 11:15 и му рекол

дека го чека инспектор за следење и ќе го донесе во база, во близина на Државна болница, прикриена база на УБК. Во таа база ги сретнал С. М., тогашниот Началник и Н. Б., во таа база имало летниковец каде што после некое време излегле и влегле во некоја просторија, која се отварала електронски, влегле внатре, по што С. М. од кесичка извадил два хард диска 20 на 20 или 20 на 15, црни. Н. Б. му се јавил на тогашниот Директор на УБК В. А. и го прашал што да прават со дисковите, по што истиот добил насока да се уништат, па С. М. на преса во негово присуство во работилница на УБК во базата ги уништил и потоа со ножици за лим ги исекол на парчиња. Од таму со Н. Б. се упатиле да го однесе накај дома во Автокоманда, но застанал кај „Циганскиот мост“ кај Ќерамидница, излегол од возилото и истурил нешто во Вардар, а тој токму таму кај „Циганскиот мост“ видел дека еден од телефоните му го нема во џеб, завртел, телефонот ѕвонел, но видел дека во колата не му испаднал, по што Н.Б. му рекол дека можеби го заборавил во база. Н. Б. завртил на некого, а по кратко време се упатиле кај „Три Ф“, поранешна „Галија“ и таму дошло некое лице со капче и му го дал од прозор телефонот. Потоа Н. Б. го однел околу 1:00 часот во Автокоманда каде што живеел во близина кај кафич „Ла петит“ и му кажал дека ќе оди во МВР да се види со тогашниот Директор на УБК. После 28 април или на 28 април му кажал да се сретне со синот на А. Б., Г. Б. и да му каже дека ќе го побарале некои лица од службата, а тој му кажал дека немал никаква врска со ГТЦ. Напомена дека оперативците на УБК тој ден ги прикриле сите траги како од ГТЦ камерите, така од „Сејф сити“ што биле под нивна надлежност, камери на УБК што ги контролирала УБК, каде што се гледале нивни оперативци. Истакна дека жали за настанот и последиците и за секој повреден, но истото нека биде поука за идните генерации дека политиката не треба да се игра со чувствата на народот. Како човек прифаќа одговорност за дејствијата ако му ги утврди судот ако нешто нелегално сторил, стои исправено и се борел да излезе вистината. Наведе дека е татко на малолетно дете, сега веќе 13 месеци, сам се пријавил да учествува, а единствената причина што бил недостапен за органите на прогонот била здравјето на неговото долго очекувано дете, скоро девет години, по што самиот се пријавил на 11 јуни 2018 година кај судија. Истакна дека Б. В. му е роден брат и пред да го остварат повикот во 14:39 часот, тој во 14:13 часот му напишал СМС порака кога ќе биде во можност да му се јави од причина што истиот бил службено ангажиран и секогаш кога бил на работа, не само во овој случај туку и во сите претходни, така комунциирале бидејќи не знаел кога бил слободен кога не, тој како обезбедување можеби имал секакви задачи. Тврди дека со обвинетите Митко Чавков, Душко Лазаров и Митко Пешов никогаш немал никаков контакт, Чавков го знаел оперативно, а кога мисли оперативно од видување, од родендени на некои пријатели на негови пријатели што го гледал, но никогаш личен контакт со него немал, а истото тоа важело и за Душко Лазаров и за Митко Пешов. Во врска со мобилизирање на 68 лица за неговото движење тој ден се повика на листинзите за неговите

телефонски јавувања појдовни, дојдовни повици и движењето на базните станици кои што 99 посто се потврдувале со неговиот исказ при што се осврна целосно на неговите телефонски комуникации. Иако сведокот С1 кажал дека комуницирале постојано со Директорот Митко Чавков кој бил организатор на настаните од 27 април, тој никогаш немал контакт со Митко Чавков ниту со Душко Лазаров. Учествувал на протестите, но само за да ги следи да поминат мирни без некакви уфрлени провокатори и лично го известувал Н. Б.. За средбата во К. со Игор Југ кажа дека била по насока на службата, за што бил известен Н. Б. и В., бидејќи истата била иницирана по предлог на Директорот В., а со Јане Ченто по насока на Директорот лично се видел. Од патриотските здруженија освен со лицата Јане Ченто со кој имал остварено средба во „Баба Цана“ немал со никој друг комуницирано. Тој во „Дион“ стигнал во 16:10, седнал на првата маса со лицето В. П. – Б.. На Никола Митревски - Кољо пари за фантомки не му дал, ниту 10.000,00 денари, ниту уште еднаш 8.000,00 денари. Времето кое го кажал Стефан бил во базата на УБК кај Државна болница и не бил после настаните кај споменикот Прометеј, во „Дион“. Истакна дека Н. Б. бил со голф петка сребрена, го видел, се чекале кај Градска болница и лично не му покажал оружје, па и во Обвинителство кажал дека Н. Б. во возилото носел лично вооружување автоматска пушка, кратка, значи тој ден тој не видел оружје. Истакна дека лицето Захарие Симовски не му бил обезбедување и не му дал пиштол. Обвинетиот Чавков кажал за маскирани лица што не ги идентификувале „Алфите“, па со реторичко прашање како обвинет наведе дека ќе му одговори на тоа прашање, „Алфите“ биле под СВР С., на истиот Началник им бил И. В., а во штабот на 8-ми Митко Чавков кажувал пасивно И. В. да делува можеби заради тоа „Алфите“ не ги сопреле маскираните лица, а во врска со тоа што кажал за Г. Г. дека истиот во „Жена парк“ кажал дека некој друг ја превземал одговорноста на командување, но наведе дека тој ќе му каже на Чавков, полицијата дејствувала после 20 часот и 10 минути, а толпата сите слушнале дека влегла после 18 часот и 40 минути, па полицијата тој ден закаснила со интервенција од 1 час и 40 минути. Во поглед на исказот на обвинетиот Радулов Оливер наведе дека истиот кажал дека не знае каде Нинџа го видел Сашо Марковски со бели ракавици, но појасни дека во неговиот исказ кажал дека Сашо Марковски од него ги извадил хард дисковите и што се случило тоа се случило, а за бели ракавици дознал во кола, во возило од Н. Б. дека истите Сашо Марковски ги имал извадено со хируршки ракавици. Наведе дека сите ги виделе случувањата од 27 април, но ако некој ја загрозил државата во тој миг самата држава си се загрозила бидејќи лицата што ги видел на осми спрат биле министри, заменици, политички функционери, директори на УБК и на Јавна безбедност, а бидејќи во тоа време и партијата на власт ВМРО-ДПМНЕ ја водела државата сака да појасни дека самата држава си се загрозила себеси, а тие сите биле само статисти во нивниот филм наречен 27 април, „Крвав четврток“. На 27 април колку и да изгледа смешно, тој бил набљудувач за потребите на Петтата управа на УБК и не планирал да го загрози

уставниот поредок на државата. Обвинителството верувало на неговиот исказ селективно и тоа за обвинетиот Чавков во штабот на ВМРО, за Душко Лазаров, за неговиот син, за Горанчо Ангелов-Ќосето во „Жена парк“ регрутиран од Н. Б. и Г. Г., за Саше Марковски за хард дисковите, за „Тиранската платформа“, за нејзините водачи кои биле фиктивни, за Б. Ј. од кабинетот на Претседателот, за камерите од ГТЦ, за Г., средбата што ја направил со синот на А. Б., Обвинителството дало мислење селективно за обвинетите за 27 април за амнестија. Истакна дека побарал и амнестија, побарал милост од државата, побарал по повикот за помирување на Премиерот З. З. за единство во државата и побарал милост бидејќи се донел Закон за амнестија што не ги опфатил организаторите, лицата со маски што направиле насилството, лицата што влегле со оружје, па тој не се гледал во тие групи и затоа поднел барање за амнестија и после се што кажал и побарал искрено, мислел дека на 28 јануар ќе го слави роденденот со неговиот син бидејќи не го видел кога се родил, крштевка не му направил, па мислел дека 1 година на 28 јануари ќе му направи. Истакна дека судскиот совет не бил селктивен во текот на постапката, не ги гледал селективно, пратеници, глумци, режисери, полицајци, Југ, Нинџа, Ј., Кољо, Мунир, В., сите за судот биле обвинети, верува во правда и одговорност дадена, изречена од овој судски совет.

На одржаната главна, јавна и усна расправа која започна на ден 22.08.2018, а продолжи на ден 23.08.2018 година, на ден 24.08.2018 година, на ден 27.08.2018 година, на ден 31.08.2018 година, на ден 06.09.2018 година, на ден 07.09.2018 година, на ден 13.09.2018 година, на ден 19.09.2018 година, на ден 21.09.2018 година, на ден 25.09.2018 година, на ден 02.10.2018 година, на ден 04.10.2018 година, на ден 09.10.2018 година, на ден 16.10.2018 година, на ден 17.10.2018 година, на ден 22.10.2018 година, на ден 25.10.2018 година, на ден 29.10.2018 година, на ден 30.10.2018 година, на ден 02.11.2018 година, на ден 05.11.2018 година, на ден 06.11.2018 година, на ден 08.11.2018 година, на ден 12.11.2018 година, на ден 13.11.2018 година, на ден 15.11.2018 година, на ден 16.11.2018 година, на ден 21.11.2018 година, на ден 27.11.2018 година, на ден 28.11.2018 година, на ден 29.11.2018 година, на ден 30.11.2018 година, на ден 03.12.2018 година, на ден 04.12.2018 година, на ден 06.12.2018 година, на ден 10.12.2018 година, на ден 11.12.2018 година, на ден 13.12.2018 година, на ден 14.12.2018 година, на ден 17.12.2018 година, на ден 20.12.2018 година, на ден 21.12.2018 година, на ден 26.12.2018 година, на ден 31.01.2019 година, на ден 04.02.2019 година, на ден 06.02.2019 година, на ден 08.02.2019 година, на ден 11.02.2019 година, на ден 15.02.2019 година, на ден 18.02.2019 година, на ден 19.02.2019 година, на ден 21.02.2019 година и на ден 22.02.2019 година, судот ги допушти и беа изведени доказите и тоа пред се доказите на обвинението, па така беа испитани сведоците Д. М., И. Н., Ф. Т. Р., П. Б., М. З., П. Ш., Н. Т., В. М., З. З., О. С., Е. И., П. А., К. К., Х. Л.,

С. К., Ф. М., К. Д., Д. М., А. Н., Д. К., В. С., С.Т., А. А., А. Б. К., М. М., А. А., М. Г., К.Б., И. В., З. С., В. Н., М. П., Г. Г., С. Т., Л. С., Н. В., О. С., загрозениот сведок С1, а потоа беше извршена репродукција на ЦД МТВ 1 фајл Собрание 27.04.2017 година случувања 1, Видео запис од Собраниски Канал-Собраниска Седница 27.04.2017 година, Фолдер: VIDEO_TS > VTS_01_0 > RESTART >, видео запис „над Дион“ камери СТВ, видео запис од СТВ ЦД со назив „Приод пред Телеком“ и „Ебанк“, фолдер „Ебанк“, фајл ch11_20170427194812, видео запис од СТВ ЦД со назив „Приод пред телеком“ и „Ебанк“, фолдер „Приод пред телеком“ фајл ch12_20170427194835, ЦД МТВ 1 фајл SOBRANIE_27 04 2017 SLUCHUVANJA 1-140, Видео запис ЦД „MTV 1„ фајл SOBRANIE_27 04 2017 SLUCHUVANJA 1-140, Анализа на Видео надзор од Собраниски камер (USB 1)-New Folder-фајл Analog_13_18_44_50_04_27.0, USB 5 ФАЈЛ 20170428191225 kamera 13, скали од приземје кон први спрат хол Длаборез, УСБ 4 Фајл 20170428184822 Камера 08, УСБ 4, фајл 20170428184822 камера 11, USB 4-фајл 20170428184822 камера 10, USB 4-фајл 20170428184822 камера 10 ( мал ходник кој води од хол Длаборез кон Сала 3 Прес ), УСБ 5 фајл 20170428191225 камера 14, УСБ 5 камера 15 фајл 20170428191225, Видео запис од Собраниски Камери: USB 8 фајл 20170428193850 камера 16, УСБ 1 New Folder 3 Analog _15_19_17_54_04_27.0, УСБ 1 New Folder 2 Analog_1_18_55_07_04_27.0, УСБ 1 New Folder 2 Analog_1_18_55_07_04_27.1, Видео запис од Собраниски Камери: USB 3 New Folder фајл Analog_2_18_57_07_04_27.0, УСБ 6 New Folder 2 Analog_13_18_00_00_04_27.2, УСБ 6 New Folder 2 Analog _13_19_52_49_04_27.1, УСБ 6 New folder 3, фајл Analog _13_20_59_29_04_27.1, УСБ 3 New Folder 3 фајл Analog _8_20_49_12_04_27.0, УСБ 3 New Folder 3 фајл Analog _8_20_49_12_04_27.1, УСБ 3 New Folder 4 фајл Analog _6_20_46_30_04_27.1, Видео запис од ТВ А., Видео запис ЦД А. VTS_02_1, ЦД Алфа фајл VTS-02-02, снимка од ТВ 24 -12H, INSERTI SOBRANIE NEREDI, Видео запис 24 Вести, INSERTI TEPACKA 2.mp4, Видео запис 24 Вести, INSERTI TEPANJE NOV DAMJAN 27 04.mp4, Видео запис од 24 Вести, TEPANJE VO SOBRANIE.mp4, снимка од Телевизија А., фајл 680_5369, ЦД МТВ 2 фајл SOBRANIE_27 04 2017 SLUCHUVANJA 2, Видео запис со назив „Од Интернет“- фолдер You Tube-фајл PAMJE NGA KU DUKET Z. I GJAKOSUR, Видео запис „Од Интернет“-фолдер You Tube-фајл 3. во крв, пратениците од СДСМ и други нападнати во Собранието, Видео запис со назив „Од Интернет“-фолдер YOU TUBE-фајл Насилства во Собранието, ЦД С.ител Внатре фајл 022G6086_01, снимки од мобилен телефон, фајл 20170427_193520, снимки од мобилен телефон фајл 20170427_193815, снимки од мобилен телефон, Фајл 20170427_195510, снимки од мобилен телефон, Фајл 20170427_203017, Видео запис Т. ЦД 4А, фајл Sobranie Nadvor Vnatre vleguvanje1, Видео запис Т. ЦД 4Б фајл Sobranie Nadvor Vnatre vleguvanje 2, Видео запис Телевизија Т. 2, фајл Biljana-Akcija na policija ZA UTRINSKI VESTI, Видео запис Телевизија Т. 2 фолдер апр 29 2017, фајл INSERTI-Pratenicki se simnuvaat od kat i siledziite

vleguvaat I napagaat, Вештачење на мобилни телефони одземени од О. П., Извештај за мобилни уреди МУ бр. 173-2017 од 19.03.2018 година на мобилен телефон марка Самсунг, модел SM-G935F со ИМЕИ …. на патека SM-… Galaxy S7 edge/files/Video/O.P.. Sobranie.mp4, на мобилен телефон марка Самсунг модел SM-N9005 ИМЕИ … на патека Samsung SM-… Galaxy Note 3/files/Video/O.P. Sobranie.mp4, снимка 00305-MTS, снимка 00306-MTS, снимка 00307-MTS, снимка 00308-MTS, снимка 00309-MTS, снимка 00310-MTS, снимка 00311-MTS, снимка 00312-MTS, снимка 00313-MTS, снимка 00314-MTS, снимка 00315-MTS, снимка 00316-MTS, снимка 00317-MTS, снимка 00318-MTS, снимка 00319-MTS, снимка 00320-MTS, снимка 00321-MTS, снимка 00322-MTS, снимка 00323-MTS, снимка 00324-MTS, снимка 00325-MTS, снимка 00326-MTS, снимка 00327-MTS, снимка 00328-MTS, снимка 00329-MTS, снимка 00330-MTS, снимка 00331-MTS, снимка 00332-MTS, снимка 00333-MTS, снимка 00334-MTS, снимка 00335-MTS, снимка 00336-MTS, снимка 00337-MTS, снимка 00338-MTS, снимка 00339-MTS, снимка 00340-MTS, снимка 00341-MTS, снимка 00342-MTS, снимка 00343-MTS, снимка 00344-MTS, снимка 00345-MTS, снимка 00346-MTS, снимка 00347-MTS, снимка 00348-MTS, снимка 00349-MTS, снимка 00350-MTS, снимка 00351-MTS, снимка 00352-MTS, снимка 00353-MTS, снимка 00354-MTS, снимка 00355 – MTS, снимка 00356 – MTS, снимка 00357 – MTS, снимка 00358 – MTS, снимка 00359 – MTS, снимка 00360 – MTS, снимка 00361 – MTS, снимка 00362 – MTS, снимка 00363 – MTS, снимка 00364 – MTS, снимка 00365 – MTS, беше извршена презентација на ДВД со фотографии ЦД 20170427_2 фајл и тоа фотографии назначени со DSC_0092, DSC _0093, DSC _0094, DSC _0095, DSC_0096, DSC_0097, DSC _0098, DSC_0099, DSC_0100, DSC_0101, DSC_0102, DSC _0103, DSC_0104, DSC _0105; DSC _0106, DSC _0107, DSC _0108, DSC _0109, DSC _0110, DSC _0111, DSC _0112, DSC _0113, DSC _0114, DSC _0115, DSC _0116, DSC _0117, DSC _0118, DSC _0119, DSC _0120, DSC _0121, DSC _0122, DSC _0123, DSC _0124, DSC _0125, DSC _0126, DSC _0127, DSC _0128, DSC _0129, DSC _0130, DSC _0131, DSC _0132, DSC _0133, DSC _0134, DSC _0135, DSC _0136, DSC _0137, DSC _0138, DSC _0139, DSC _0140, DSC _0141, DSC _0142, DSC _0143, DSC _0144, DSC _0145, DSC _0146, DSC _0147, DSC _0148, DSC _0149, DSC _0150, DSC _0151, DSC _0152, DSC _0153, DSC _0154, DSC _0155, DSC_0156, DSC _0157, ДСЦ _0158, DSC_0159, DSC_0160, DSC_0161, DSC_0162, DSC_0163, DSC _0164, DSC _0165, DSC_0166, DSC_0167, DSC _0168, DSC _0169, DSC _0170, DSC _0171, DSC _0172, DSC _0173, DSC _0174, DSC _0175, DSC _0176, DSC _0177, DSC _0178, DSC _0179, DSC _0180, DSC _0181, DSC _0182, DSC _0183, DSC _0184, DSC _0185, DSC _0186, DSC _0187, DSC _0188, DSC _0189, DSC _0190, DSC _0191, DSC _0192, DSC _0193, DSC _0194, DSC _0195, DSC _0196, DSC _0197, DSC_0303, DSC_0304, DSC_ 0305, DSC_0306, DSC_0307, DSC_0308, DSC_0309, DSC_0310, DSC_0311, DSC_0312, DSC_0313, DSC_0314, DSC_0315, DSC_0316, DSC_0317, DSC_0318, DSC_0319, DSC_0320, DSC_0329, DSC_0330, DSC_0331, DSC_0332, DSC_0333, DSC_0334, DSC_0335, DSC_0336,

DSC_0337 и DSC_0348, вештачење на телефон од лицето Т. В. на УСБ, име на фолдер USB/HRU report (МУ 166-2017)/ HTML од 28.11.2017 година, Вибер пораки во период од 03.02.2017 до 12.05.2017 година, како и СМС пораки во период од 23.02.2017 година до 29.04.2017 година, мобилен телефон марка „Ајфон 7 +“ модел „А 1784“ со ИМЕИ број … одземен од лицето Т. В. со доставен Извештај МУ 166-2017 од 07.12.2017, Локациски наведените податоци се наоѓаат на УСБ име на фолдер USB/XRY Report (МУ 166-2017)/ HTML, извештај МУ бр. 174-2017 од 25.12.2017 година, Вибер комуникација на ден 27.04.2017 година, како и имесиџ комуникација на ден 27.04.2017 година од мобилен уред марка „Ајфон“ модел „А1784“ со ИМЕИ бр… кои се на ДВД локација на патека: DVD/01 iPhone A 1784/SIM Card/Logical / Report.html“, Вештачење за телефон на В.М. бр. МУ 165-2017 од 29.11.2017 година на УСБ мемориски уред марка Verbatim со капацитет од 16 GB, екстрактирана на локација: USB Report's/Report Samsung Galaxy S6 Edge/Samsung GSM_SM-G925F Galaxy S6 Edge/Report.html, вештачење на на мобилниот уред марка „Black View“ B500 со ИМЕИ број … и …. одземен од лицето А. К. од доставениот извештај МУ бр. 75-2017 од 13.07.2017 година Viber chats – 122, Facebook chat-87 и chat-107, СМС комуникација од 20.04.2017 до 24.04.2017 година како и слики со локација на патека: „DVD/01 Blackview BV5000/Blackview BV5000/Multi-project/Report.hrml“, Извештај од вештачење на мобилен телефон на лицето С. К. МУ бр.157-2017 од 22.03.2018 година за вештачење мобилни уреди каде мобилниот телефон марка LG модел „k420n “ со ИМЕИ број … и со сим картичка од мобилен оператор Т-мобиле со сериски број … VGD2, преснимен на УСБ мемориски стик „USB I марка adlinko со капацитет од 64 GB: chat -245.txt и chat-247.txt (Facebook пораки) како и СМС пораките во локација „01 LG K420 n/Cellebrite Report/LG GSM_K420n K10/Report.html со реден број: 658,667, 668, 669, 679, 679, 697, 703, 708, 755, 764, 775, 778, 781, 788, 789, 792, 793, 800, 801, 810, 811, 812, 813, 820, 821, 825, 827, 832, 833, 837, 847, 853, 856, 862, 863, 872, 877, 880, 882, 890, 895, 896, 902, 913, 916, 922, 930, 931, 935, 936, 950, 955, 962, 1005, 1041, вештачење на мобилни уреди одземени од лицето С. М. од доставениот извештај МУ 210-2017 од 01.02.2018 година, СМС комуникација во период од 18.03.2017 година до 30.03.2017 година и записи на критичниот ден од 27.04.2017 година, од мобилен телефон марка „Huawaei P8“ модел „GRA-L09“ со ИМЕИ број .., кои се наоѓаат на УСБ меморија марка addlink со капацитет од 32 гигабајти, на локација „/USB Report's (MY 210-2017)01.Huawei P8/Cellebrite Report's/Report Huawei P8/Huawei_GRA-L09 P8 Standard Edition“, извештај и вештачење на одземени мобилни уреди од лицето Игор Југ од доставениот Извештај за вештачени мобилни уреди МУ бр.113-2017 од 26.09.2017 година: Вибер комуникација бр.1,2,3,4 и повици преку Вибер на критичниот ден 27.04.2017 година од мобилен телефон марка „Samsung“ модел „SM-J510FN“ со ИМЕИ број … кои се наоѓаат на УСБ марка Kingston модел DataTraveler 64/32 GB на фолдерска локација „USB/01 Samsung SM-J510FN/Memory Card-Micro SD-Verbatim - 8GB/Multi-

project/Report.html“, вештачење на телефонскиот уред одземен од лицето Анѓеловски Горанче со извештај МУ 86-2017 од 07.08.2017 година и Извештај КО бр. 86/2017 од 04.08.2017 година, Whatsup комуникација и Facebook chat кои се наоѓаат на DVD оптички мемориски уред и тоа на локација: „/DVD/01.Cubot Rainbow/Report Cubot Rainbow/Cubot_S208/Report.html“, вештачење на мобилниот уред одземен од Митко Пешов со доставен Извештај МУ бр.192-2017 I ДЕЛ од 26.01.2018 година Viber комуникација бр.24 СМС пораки бр.676, 680, 518, 519 од мобилниот телефон марка „iPhone“ модел A1332 со ИМЕИ бр… кои податоци се наоѓаат на УСБ меморија марка Kingston сребрена боја со капацитет од 16 GB со локација „USB/01 iPhone A1322/Cellebrite Report/iPhone4GSM_7.1-7.1.2_Physical_22-12-17_12-47-05 Report.html“, после што Застапникот на обвинението ги прочита писмените докази и тоа: Упатство за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење полициски работи (Златна, Сребрена и Бронзена команда) од октомври 2013 година на МВР на РМ со Упатство за изменување на упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (Златна, Сребрена и Бронзена команда) од октомври 2015 година на МВР на РМ; Стандардни оперативни процедури за одржување на јавен ред и мир преку редовно полициско работење на јавни собири и спортски натпревари од октомври 2013 година на МВР на РМ; Упатство за криминалистички истражувања и справување со криминални групи број 235-81613/1 Ноември 2014 година на МВР на РМ; Упатство за давање на задачи и координација од Октомври 2013 година на МВР на РМ; Правилник за начинот на вршење на полициските работи на 79 страни со Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на вршење на полициските работи на 27 страни и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи на 68 страни и Правилник за изменување на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи на 1 страна, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи на 4 страни; Доставен акт СД.бр.08-582/1 од 09.06.2017 година и Извештај на работна група за утврдување на фактичка состојба на настанот на 27.04.2017 година во Собрание на РМ СД бр.08-564 од 31.05.2017 година; Тактичка одлука И бр.22.2-68/02/2017 година од 02.03.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, Оддел за униформирана полиција; Предлог за воспоставување на Оперативна акција И бр.22.2-69/02/2017 од 02.03.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, Оддел за униформирана полиција; Анекс на Предлог за воспоставување на Оперативна акција И бр.22.2-62 од 08.03.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, Оддел за униформирана полиција; План за мерки и активности Д.бр.28-61/1 од 06.03.2017 година на МВР на РМ, Сектор за внатрешни работи С.; Анекс план за мерки и активности Д.бр.28-156/1 од 25.04.2017 година на МВР на РМ, Сектор за

внатрешни работи С.; План за реализација Д.бр.28-58/1 од 02.03.2017 година на МВР на РМ, Сектор за внатрешни работи С.; План за ангажирање на единиците од ОСПО за обезбедување на објектот на Собрание на Република М. СД.бр.23.4-30/1 од 10.03.2017 година на МВР на РМ, Централни полициски служби, Оддел за специјални полициски операции; План за превземање на оперативно –тактички мерки СД.бр.23.4.2-9/47 од 25.04.2017 година на МВР на РМ, Централни полициски служби, Оддел за специјални полициски операции, ЕБР; Доставување на барање бр.28-4028/1 од 25.04.2017 година и 26.04.2017 година со прилог Барање за ангажирање на посебните и специјалните единици СД.бр.28-155/1 од 25.04.2017 година и 26.04.2017 година од МВР на РМ, СВР С.; Доставување на барање бр.28-4025/1 од 26.04.2017 година од МВР на РМ, БЈБ, СВР С. со прилог Барање за ангажирање на посебните и специјалните единици од 25.04.2017 година од МВР на РМ, БЈБ, СВР С.; Записник за активности во ОШ по ОА ПЛАТФОРМА за ден 27.04.2017 година Ев. бр.22.4-2054 од 28.04.2017 година од МВР на РМ, Централни полициски служби, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа; Записник за активности на штабот на СВР С. И бр.28-169/1 од 28.04.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, СВР С.; Барање за декласификација на класифицирани информации КО бр.66/17 од 08.03.2018 година од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Решение за декласификација бр.22.6.1.1-21725/1 од 14.03.2018 година на МВР на РМ; Барање известување КО бр.66/17 од 11.01.2018 година од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција до Управа за безбедност и контраразузнавање; Одговор СД.бр.36-295/1 од 25.01.2018 година на МВР на РМ, Управа за безбедност и контраразузнавање; Барање за декласификација на класифицирани информации КО бр.66/17 од 15.03.2018 година од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Одговор бр.36-308/3 од 15.03.2018 година на МВР на РМ, Управа за безбедност и контраразузнавање; Решение за декласификација бр.36-1792/2 од 15.03.2018 година на МВР на РМ; Дополнување на Барање за известување КО бр.66/17 од 14.03.2018 година од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција до Управа за безбедност и контраразузнавање; Барање за доставување податоци КО бр.66/17 од 29.01.2018 година од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Одговор на барање податоци бр.03-677/4 од 09.02.2018 година на Влада на Република М., Служба за општи и заеднички работи; Наредба КО бр.66/17 од 13.02.2018 година од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција до МФ, Управа за финансиска полиција; Барање рег.бр.14.2-647/23 од 02.05.2017 година на Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди; Известување бр.36-2124/2 од 02.05.2017 година од МВР на РМ, Управа за безбедност и контраразузнавање; Информација бр.22.1-453/1 од 05.05.2017 година на МВР на РМ, БЈБ; Доставување списи на надлежност

КО1 бр.282/17 од 06.02.2018 година од Основното јавно обвинителство С.; Известување бр.28112-1042 од 02.05.2017 година на МВР на РМ, СВР С., Организациски единици за криминалистички работи, Единица за насилен криминал, Одделение за насилен криминал; Доставување списи на надлежност КО1 бр.307/17 од 14.02.2018 година од Основното јавно обвинителство С.; Известување бр.28.11.2-1002 од 29.04.2017 година на МВР на РМ, ОЕКР-ЕНК-ОНК при СВР С.; Достава на известување КО1 бр.307/17 од 06.11.2017 година на Основното јавно обвинителство С.; Известување бр.28.11.2-2872 од 02.11.2017 година на МВР на РМ, ОЕКР-ЕНК-ОНК –ОНКТЛПВП при СВР С.; Известување бр.28.11.2/01-1487 од 06.06.2017 година на МВР на РМ, СВР С., Организациски единици за криминалистички работи, Единица за насилен криминал, Одделение за насилен криминал; Доставување податоци бр.03-1330/2 од 25.05.2017 година од Собрание на Република М.; Одговор на известување РО бр.81/17 од 14.09.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Известување Дов.бр.02-76/1 од 04.09.2017 година на Влада на Р.М., МФ со прилог лист со наведени единствени даночни броеви на правни лица и лист со табела за извршени исплати на правни лица; Доставување податоци рег.бр.28.1.1.2-1983/3 од 18.07.2017 година на МВР на РМ, СВР С., Организациона единица за криминалистички работи, Единица за насилен криминал; Барање документација рег.бр.28.11.2-1983/1 од 12.07.2017 година од МВР на РМ, БЈБ, СВР С., Единица за насилен криминал до Централен регистар на РМ; Доставување податоци бр.08-3265/1 од 18.07.2017 година од Централен регистар на РМ, Регионална регистрациона канцеларија С. со прилог известување бр.08-3265/1 од 18.07.2017 година дека за одредени правни лица податоците не се доволни како критериум за пребарување во електронската база со податоци на единствениот трговски регистар и со прилог Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за М. патриотско здружение „Т. А." Б., Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за М. патриотско здружение „А. Л. Ј. Ќ." В., Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за М. патриотско здружение „В. Ч." К., Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за М. патриотско здружение „Непокор 2017" С., Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за М. патриотско здружение „С. А." К., Тековна состојба број .... од 18.07.2017 година за М. патриотско здружение „Мише Развигоров" Ш. и Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за М. патриотско здружение „Методија Патче" О.; Известување бр.02-76/3 од 26.09.2017 година на Влада на РМ, МФ со прилог лист со табела за извршени исплати на правни лица; Доставување податоци рег.бр.28.11.2-2146 од 01.08.2017 година на МВР на РМ, СВР С., Организациона единица за криминалистички работи, Единица за насилен криминал; Доставување податоци бр.08-3265/4 од 20.07.2017 година од Централен регистар на РМ, Регионална регистрациона канцеларија С. со прилог известување бр.08-3265/3 од 20.07.2017 година дека за одредени правни лица податоците не се доволни како критериум за пребарување во електронската база со податоци на единствениот трговски регистар и со

прилог Тековна состојба број ... од 20.07.2017 година за Здружение „Национален фронт“ П., Тековна состојба број ... од 20.07.2017 година за „Здружение на воени инвалиди Бранител 2001“ К.П., Тековна состојба број ... од 20.07.2017 година за Здружение на бранители Б. Исток Ш., Тековна состојба број .... од 20.07.2017 година за „Здружение на припадници на безбедносните сили Б.“ С. и Тековна состојба број ... 20.07.2017 година за „Здружение на граѓани М. Национален Фронт“ С.; Наредба РО бр.81/17 од 17.07.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до МВР на РМ, СВР С., Единица за информации и команда; Барање за доставување податоци РО бр.81/17 од 17.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Собрание на РМ; Одговор на барање број 08-4222/2 од 24.11.2017 година на Собранието на РМ; Барање за доставување податоци РО бр.81/17 од 17.11.2017 година под кој број се водела предистражната постапка за овој предмет на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција доставено до М. Радио Телевизија; Известување бр.28.11.1-1285 од 18.05.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОКСД со прилог Барање на оригинална медицинска документација РО бр.949/17 од 09.05.2017 година на Основното јавно обвинителство С. и со прилог Извештај на специјалистот-субспецијалистот од ЈЗУ-Клиника по хируршки болести „Св.Н. О.“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, ... за лицето Д. Т., Резултат од лабораториски наод бр.8.344/2017 за лицето Д. Т., Извештај-радиодијагностички наод од ЈЗУ-Клиника по хируршки бголести „Св.Н. О.“, Рентген амбуланта, .. за лицето Д. Т. Извештај на специјалистот-субспецијалистот контролен преглед број 1 од ЈЗУ Клиника по хируршки болести „Св. Н.О.“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000031894 за лицето Д. Т., Извештај на специјалистот-субспецијалистот контролен преглед број 2 од ЈЗУ Клиника по хируршки болести „Св.Н.О.“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000031894 за лицето Д. Т., Извештај на специјалистот-субспецијалистот контролен преглед број 1 од ЈЗУ Клиника по хируршки болести „Св.Н. О.“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000010048 за лицето Ј. С. А., Извештај-радиодијагностички наод од ЈЗУ-Клиника по хируршки болести „Св.Н.О.и“, Рентген амбуланта, 0000010048 за лицето Ј. А., Резултат од лабораториски наод бр.8.358/2017 за лицето Ј. А., Резултат од лабораториски наод бр.8.388/2017 за лицето Ј. А., Извештај-радиодијагностички наод од ЈЗУ-Клиника по хируршки болести „Св.Н. О.“, Рентген амбуланта, 0000010048 за лицето Ј. А., Извештај на специјалистот-субспецијалистот контролен преглед број 2 од ЈЗУ Клиника по хируршки болести „Св.Н. О.“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000010048 за лицето Ј. С. А., Извештај на специјалистот-субспецијалистот од ЈЗУ-Клиника по хируршки болести „Св.Н. О.“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000031896 за лицето К. П., Извештај- радиодијагностички наод од ЈЗУ-Клиника по хирушки болести „Св.Н. О.“, Рентген амбуланта, 0000031896 за лицето К. П., Извештај на специјалистот-субспецијалистот контролен преглед број 1 од ЈЗУ Клиника

по хируршки болести „Св.Н. О.“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000031947 за лицето К. В. и Извештај- радиодијагностички наод од ЈЗУ-Клиника по хируршки болести „Св.Н.О.“, Рентген амбуланта, 0000031947 за лицето К. В.; Наредба КО бр.66/17 од 28.11.2017 година за вештачење на мобилен телефон одземен од лицето В. М. на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Записник за извршено примопредавање на предмети 34.2.3-54/573 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Т.; Известување бр.34.2.3-54/572 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Т.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.34.4.2-74/5009 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Т., ООК-ОКП; Потврда за привремено одземени предмети бр.35.4.3-15 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Т., ООК-ОКП; Решение за загрозен сведок РО бр.81/17 од 02.10.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Известување бр.31.4.3-10531 од 07.12.2017 година на МВР на РМ, СВР К.; Потврда за привремено одземени предмети бр.28.11.2-113/1 од 28.09.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНКТЛПВП; Извештај од анализа бр.3-543/17 на МВР на РМ, БЈБ, ЦПС, Оддел за криминалистичко технички испитувања и вештачења-анализа на импровизирана експлозивна направа; Известување бр.28.11.2-2873 од 02.11.2017 година на МВР на РМ, ОЕКР-ЕНК-ОНКТЛПВП при СВР С.; Известување бр.28.11.2-2529 од 25.09.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОНКТЛПВП; Записник за препознавање на лица и предмети бр.28.11.2-51 од 22.09.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОНКТЛПВП; Известување бр.28.11.1-1100 од 05.05.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОКСД; Известување бр.28.11.2-1347 од 25.05.2017 година на МВР на РМ, ОЕКР-ЕНК-ОНКТЛПВП при СВР С. со прилог Наредба РО бр.949/17 од 23.05.2017 година на Основното јавно обвинителство С.; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот К. М. КР-29400/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот С. В. КР-29403/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Љубен Арнаудов КР-29404/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Љупчо Димовски КР-29411/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Јохан Тарчуловски КР-29420/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Митко Чавков КР-29405/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Митко Пешов КР-29409/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција;

Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Душко Лазаров КР-29410/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Горан Ѓошевски КР-29415/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Оливер Поповски КР-29418/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Оливер Радулов КР-29407/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Мунир Пепиќ КР-29413/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Абдуљфета Алими КР-29417/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетата Елена Доцевска Божиновска КР-29419/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Иван Цветановски КР-29399/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Борис Дамовски КР-29401/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Богдан Илиевски КР-29406/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Владо Јовановски КР-29412/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Игор Дурловски КР-29416/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Стефан Младеноски КР-29428/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Михаел Младеноски КР-29429/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Захарие Симовски КР-29430/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Младен Додевски КР-29431/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Листа од казнена евиденција за обвинетиот Јане Ченто од 06.06.2017 година од Основен суд П.; Листа од казнена евиденција за обвинетиот Горанче Анѓеловски од 17.05.2017 година од Основен суд В.; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Игор Југ КР-10330/17 од 29.04.2017

година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Илија Славевски КР-10443/17 од 02.05.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Влатко Трајковски КР-10457/17 од 02.05.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Вилијам Михајловски КР-29426/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Барање за издавање наредба за претрес на дом и други простории на лицето Крсто Мукоски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Крсто Мукоски I КОК ПП бр.407/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории бр.32.4.6 3168 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР-О. ПС-С. НККР; Потврда за привремено одземени предмети бр.32.4.6 3166 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР О., НККР С.; Барање за издавање наредба за претрес на дом и други простории на лицето Сашо Василевски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Сашо Василевски I КОК ПП бр.385/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.32.4-сл од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР-О.; Потврда за привремено одземени предмети бр.32.4/сл од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР-О.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Љубен Арнаудов КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Љубен Арнаудов I КОК ПП бр.408/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР-О.; Потврда за привремено одземени предмети од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР О.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Љ. Д. КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Љупчо Димовски I КОК ПП бр.386/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Јохан Тарчуловски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Јохан Тарчуловски I КОК ПП бр.409/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Митко Чавков КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Митко Чавков I КОК ПП бр.417/17 од 28.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за

претрес на дом и други простории или лице бр.28-11842 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР-С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.11873/1 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.28-11808 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-11803 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР-С.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Митко Пешов КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Митко Пешов I КОК ПП бр.388/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.30.4.7-5042/1/2 од 28.11.2017 година (на две страни) на МВР на РМ, ПС-ОН К.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.30.47-5047/1-17 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ПС-ОН К.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Душко Лазаров КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Душко Лазаров I КОК ПП бр.410/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28.13.1 КДН-3027 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД К.В., А. Д.; Потврда за привремено одземени предмети бр.23.13.1 КДН-8941/331 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД К.В., А. Д.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Горан Ѓошевски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Горан Ѓошевски I КОК ПП бр.420/17 од 28.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.7080/209 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД К.В., А. Д.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7079/209 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД К.В., А. Д.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7079 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД К.В., А. Д.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Оливер Поповски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Оливер Поповски I КОК ПП бр.411/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице КДН-7059 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, ОКП, СОНК, ЕИНК; Потврда за привремено одземени предмети бр.7060/206 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, ОКП, СОНК, ЕИНК; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Оливер Радулов КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Оливер Радулов I КОК ПП бр.390/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7063

од 28.11.2017 година (на две страни) на МВР на РМ, БЈБ, ОКП, СНТД; Потврда за привремено одземени предмети бр.7064/234 од 28.11.2017 година (на шест страни) на МВР на РМ, БЈБ, ОКП, СНТД; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Мунир Пепиќ КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Мунир Пепиќ I КОК ПП бр.391/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за предавање на пронајдени-одземени предмети бр.11819 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР В.; Потврда за привремено одземени предмети бр.11810 1 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.11810 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. со прилог една црна капа- Фантомка; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.11804 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Абдуљфета Алими КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Абдуљфета Алими I КОК ПП бр.413/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.8622 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К.; Потврда за привремено одземени предмети бр.8623/455 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К.; Потврда за привремено одземени предмети бр.8625/140 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето И. Ц. КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето И. Ц. I КОК ПП бр.392/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.4207 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД-К. и Ѓ.П.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.4206 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД-Карпош и Ѓ.Петров; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Б. Д. КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Борис Дамовски I КОК ПП бр.414/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7573 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.7574-251 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.28.14.1-5090 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.-ЕЕКК; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Богдан Илиевски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Богдан Илиевски I КОК ПП бр.393/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7575 од 28.11.2017 година на МВР на РМ,

СВР С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.7576/252 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето В. Ј. КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Владо Јовановски I КОК ПП бр.415/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-11812 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.28-11813 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Игор Дурловски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Игор Дурловски I КОК ПП бр.394/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Стефан Младеноски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Стефан Младеноски I КОК ПП бр.396/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28.11.1-11816 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОКСД; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Михаел Младеноски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Михаел Младеноски I КОК ПП бр.402/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28.11.1-11817 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОКСД; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Захарие Симовски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Захарие Симовски I КОК ПП бр.400/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-11807 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.28-11806 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Младен Додевски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Младен Додевски I КОК ПП бр.403/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Јане Ченто КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Јане Ченто I КОК ПП бр.404/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.8396 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Б.;

Потврда за привремено одземени предмети бр.8396/329 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Б. ПС П.; Потврда за привремено одземени предмети бр.8398/330 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Б. ПС П.; Наредба за претрес на дом на лицето Горанче Анѓеловски К-ПП бр.208/17 од 25.07.2017 година на Основен суд В.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28.11.2-19 од 25.07.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР ЕНК-ОНКТЛПВП; Потврда за привремено одземени предмети бр.28.11.2-82/1 од 25.07.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР ЕНК-ОНКТЛПВП; Потврда за привремено одземени предмети бр.278 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР В.; Фотодокументација број 426/17 со 11 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка техника; Наредба за претрес на дом на лицето Игор Југ II.К-ПП бр.426/17 од 20.09.2017 година на Основен суд К.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.31.5.1-6811 од 21.09.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР ЕНК-ОНКТЛПВП; Потврда за привремено одземени предмети бр.31.5.1-6812/365 од 21.09.2017 година (на две страни) на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР ЕНК-ОНКТЛПВП; Едно ЦД со ознака ДФД-17КУ-1099 во плаво плико со ознака Фотодокументација број 1099/2017 на МВР на РМ, Криминалистичка техника; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Илија Славевски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Илија Славевски I КОК ПП бр.398/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Влатко Трајковски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Влатко Трајковски I КОК ПП бр.399/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.3024 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, БЈБ; Потврда за привремено одземени предмети бр.3025 од 28.11.2017 година (на три страни) на МВР на РМ, БЈБ; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Вилијам Михајловски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Вилијам Михајловски I КОК ПП бр.406/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.8621/17 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К.; Потврда за привремено одземени предмети бр.8626/457 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К.; Потврда за привремено одземени предмети бр.8624/456 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Т. В. КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Т.В. I КОК ПП бр.381/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-11801 од 28.11.2017 година на МВР на

РМ, СВР С. – ЕЕКК; Потврда за привремено одземени предмети бр.28-11800 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. – ЕЕКК; Потврда за вратени предмети КО бр.66/17 од 09.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Потврда за привремено одземени предмети бр.28.11.2-137/1 од 30.10.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНКТЛПВП; Потврда за привремено одземени предмети бр.28.11.2-138/1 од 30.10.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНК; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето В. Ј. КО бр.66/17 од 05.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Владо Јовановски III КОК ПП бр.31/18 од 07.02.2018 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28.7.1.2-498 од 12.02.2018 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНК, ПСОН-А.; Потврда за привремено одземени предмети КДН-866/32 од 12.02.2018 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНК, ПСОН-А.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Сашо Михајловски КО бр.66/17 од 05.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Сашо Михајловски I КОК ПП бр.32/18 од 07.02.2018 година на Основен суд С. 1 С.; Известување Д бр.28.11.2-202 од 26.02.2018 година на МВР на РМ, ОЕКР- ЕНК-ОНКТЛПВП при СВР С.; Известување рег.бр.32.4.4-987/2 на МВР на РМ, СВР-О., ОКП-Отсек за економски криминалитет; Записник за претрес на дом и други простории бр.32.4.4-сл 152 од 20.02.2018 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНК, ОНКТЛПВП; Потврда за привремено одземени предмети бр.28.11.2/04-13/1 од 20.02.2018 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНК; Фотодокументација без број со 4 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка техника; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето С. Д. КО бр.66/17 од 05.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето С. Д. III КОК ПП бр.30/18 од 07.02.2018 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.30.4.2.260/1 од 20.02.2018 година на МВР на РМ, СВР В.; Потврда за привремено одземени предмети бр.34 од 20.02.2018 година на МВР на РМ, СВР В., ОКП-ООК; Доставен акт рег.бр.30.4.5-929 од 26.02.2018 година на МВР на РМ, Сектор за внатрешни работи со прилог Фотодокументација број 115/18 со 9 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка техника; Барање за доставување на податоци КО бр.66/17 од 28.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Известување Д.бр.28.11.2-273 од 08.03.2018 година на МВР на РМ, ЕНК-ОНК при СВР С.; Барање за доставување податоци КО бр.66/17 од 21.12.2017 година до Собрание на Република М. од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран и корупција; Одговор на барање бр.08-4693/5 од 22.12.2017 година на Собранието на Република М.; Наредба РО бр.81/17 од

19.07.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Известување рег.бр.11-49509/2 од 20.07.2017 година на МВР на РМ со прилог ЦД со ознака Прилози ОЈО РО бр.81/17; Известување бр.28.14.2-5103 од 29.11.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, СВР С., Единица за економски и компјутерски криминал; Фотодокументација број 4246/2017 од 28.11.2017 година со 8 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника, СВР С., Единица за увид на место на настан и анализи; Наредба РО бр.81/17 од 14.07.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Доставување податоци рег.бр.28-6694/2 од 17.07.2017 година на МВР на РМ, СВР С. со прилог 20 текстуални пораки на 7 страници; Наредба РО бр.81/17 од 14.07.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Известување рег.бр.22.7-03/170 од 18.07.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, Сектор за известување и координирање на состојби со прилог Информирани корисници во МВР на РМ на една страна; Известување бр.28.11.2-1333 од 23.05.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР, Единица за насилен криминал, Одделение за насилен криминал; Барање за доставување податоци КО бр.66/17 од 29.01.2018 година до СИ-КОН ДООЕЛ В., Подружница Камуфлаж МК С.. од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран и корупција; Одговор по барање за доставување податоци бр.03-57 од 01.02.2018 година на СИ-КОН ДООЕЛ В. со прилог Фискална сметка број 10, фискална сметка број 11 и сметка број 8 на Камуфлаж.мк, Коминтент СИ-КОН ДООЕЛ увоз-извоз за ден 27.04.2017 година; Фотодокументација без број од 12.06.2017 година со 5 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Известување бр.28.11.2-1694 од 14.06.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОНК при СВР С.; Наредба КО1 бр.307/17 од 13.06.2017 година на Основното јавно обвнителство С.; Фотодокументација без број од 14.06.2017 година со 5 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 15 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Известување бр.28.11.2-1371 од 29.05.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОНК при СВР С.; Фотодокументација без број од 26.05.2017 година со 7 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 12.06.2017 година со 10 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Известување бр.28.11.2/01-1608 од 12.06.2017 година на МВР на РМ, СВР С.-ОЕКР-ЕНК-ОНКТЛПВП; Наредба КО1 бр.282/17 од 08.06.2017 година на Основното јавно обвнителство С.; Известување бр.28.11.2-1042 од 12.06.2017 година на МВР на РМ, СВР С.-ОЕКР-Единица за насилен криминал, Одделение за насилен криминал; Фотодокументација без број и датум со 14 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 7 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Доставување податоци број 26-4609/2 од 20.07.2017 година од МФ, Управа за јавни приходи, Регионална дирекција П.; Доставување податоци број 12-5326/2 од 25.07.2017 година од МФ,

Управа за јавни приходи, Генрална дирекција С.; Известување бр.28.11.2-1235 од 15.05.2017 година на МВР на РМ, ЕОКР-ЕНК-ОНК при СВР С.; Наредба за вештачење на мобилни телефони РО бр.81/17 од 31.10.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење КО1 бр.307/17 од 26.07.2017 година на Основното јавно обвинителство С.; Барање за доставување на привремено одземени предмети и вештачење РО бр.81/17 од 09.08.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефони РО бр.81/17 од 28.09.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони РО бр.81/17 од 10.10.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Младен Додевски КО бр.66/17 од 26.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 26.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Илија Славевски КО бр.66/17 од 26.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 22.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 07.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 13.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 19.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 20.02.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон предаден од обвинетиот Јохан Тарчуловски, КО бр.66/17 од 17.01.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони и други предмети одземени од обвинетиот Оливер Радулов, КО бр.66/17 од 01.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони одземени од обвинетиот Стефан Младеноски, КО бр.66/17 од 29.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Доставување од судија на претходна постапка I КОК-ПП бр.384/17-25 од 21.12.2017 година на мобилен телефон одземен од обвинетиот Стефан Младеноски; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземени од лицето А. Ш. Д. - поранешна сопруга на обвинетиот

Борис Дамовски, КО бр.66/17 од 19.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Богдан Илиевски, КО бр.66/17 од 19.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Владо Јовановски, КО бр.66/17 од 19.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Борис Дамовски, КО бр.66/17 од 15.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Митко Чавков, КО бр.66/17 од 07.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони одземени од обвинетиот Михаил Младеноски, КО бр.66/17 од 13.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони и други предмети, КО бр.66/17 од 15.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Мунир Пепиќ, КО бр.66/17 од 07.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони одземени од обвинетиот Иван Цветановски, КО бр.66/17 од 07.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони и други предмети одземени од обвинетиот Митко Пешов, КО бр.66/17 од 07.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон и други предмети одземени од лицето Е. И., мајка на обвинетиот Богдан Илиевски, КО бр.66/17 од 07.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони и други предмети, КО бр.66/17 од 15.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони и други предмети одземени од обвинетиот Вилијам Михајловски, КО бр.66/17 од 15.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Душко Лазаров, КО бр.66/17 од 05.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони одземени од лицето Л. Ѓ., сопруга на обвинетиот Горан Ѓошевски, КО бр.66/17 од 05.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони одземени од обвинетиот Оливер Поповски, КО бр.66/17 од 01.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на

организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилни телефони одземени од обвинетиот Крсто Мукоски, КО бр.66/17 од 01.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од лицето Т. В., КО бр.66/17 од 28.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Известување КО бр.66/17 од 01.12.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Известување бр.28.11.2-1025 од 01.05.2017 година на МВР на РМ, ОЕКР-ЕНК-ОНК при СВР С. со прилог Фотодокументација број 28.11.2-1025/1 од 01.05.2017 година со 28 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација бр.28.16.2.1-2231/1 од 12.05.2017 година со 118 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација бр.28.16.1-2049/1 од 28.04.2017 година увид број 1531/2017 од 27.04.2017 година со 177 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника, СВР С., Единица за увид на место на настан и анализи; Фотодокументација бр.28.16.1-2051/1 од 28.04.2017 година и број 1546/2017 со 20 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 03.05.2017 година со 18 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година со 10 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 19.06.2017 година со 5 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година со 11 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 4 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година со 8 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 7 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 8 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 6 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника;

Фотодокументација без број од 19.06.2017 година  со 6 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година  со 15 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година  со 6 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година со 5 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година  со 7 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број од 15.06.2017 година  со 6 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Фотодокументација без број и датум со 11 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Барања до мобилните оператори МакедонскиТелеком, Оне.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 15.09.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ ВИП бр.13-4694/2 од 16.09.2017 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор ОНЕ ВИП бр.13-4696/2 од 16.09.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-122/2 од 15.09.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 14.09.2017 година; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-120/2-17 од 14.09.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-119/2 од 14.09.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-121/2-17 од 14.09.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 15.09.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-5063/2 од 02.10.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП  бр.13-4765/2 од 02.10.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП  бр.13-5062/2 од 02.10.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 16.10.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-5690/2 од 27.10.2017  година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-138/2-17 од 16.10.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.ВИП ДОВ.бр.26/17 двете од 15.11.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-6358/2 од 16.11.2017  година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-152/2 од 15.11.2017 година со прилог ЦД ; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.ВИП ДОВ.бр.26/17 двете од 22.11.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП  бр.13-6518/2 од 23.11.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-158/2-17 од 22.11.2017 година со прилог ЦД; Известување

од мобилен оператор Македонски  Телеком бр.06-156/2-17 од 22.11.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.ВИП ДОВ.бр.26/17 двете од 16.11.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП  бр.13-6386/2 од 17.11.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-153/2-17 од 16.11.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 07.09.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-4627/2 од 12.09.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-114/2 од 12.09.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 14.08.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП  бр.13-4204/2 од 17.08.2017  година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-103/2-17 од 14.08.2017 година со прилог ЦД ; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.19/17 сите од 03.08.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП  бр.13-4060/2 од 03.08.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-98/2-17 од 03.08.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 27.09.2017 година; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-129/2-17 од 27.09.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-131/2 од 27.09.2017 година со прилог ЦД ; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 16.06.2017 година; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-78/2-17 од 16.06.2017 година; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-79/2-17 од 16.06.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-3219/2 од 20.06.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП  бр.13-3220/2 од 20.06.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и ОНЕ.ВИП ДОВ.бр.26/17 двете од 11.12.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-6924/2 од 15.12.2017  година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП  бр.13-6891/2 од 15.12.2017 година; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-164/2 од 13.12.2017 година; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и ОНЕ.ВИП ДОВ.бр.26/17 двете од 22.11.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП  бр.13-6507/2 од 28.11.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и ОНЕ.ВИП ДОВ.бр.26/17 двете од 27.12.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП  бр.13-7273/2 од 29.12.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-3495/2-17 од 26.12.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и ОНЕ.ВИП ДОВ.бр.26/17 двете од 06.11.2017

година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-6139/2 од 06.11.2017 година со прилог ЦД ; Едно ЦД со ознака Дов бр.26/17, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-149/2 од 06.11.2017 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, ОНЕ.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 25.11.2017 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-6602/2 од 28.11.2017 година со прилог ЦД; Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-3195/2-17 од 25.11.2017 година со прилог ЦД и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-4504/1 од 29.12.2017 година; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, ОНЕ.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 15.12.2017 година, Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-6982/2 од 27.12.2017 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-3382/2-17 од 18.12.2017 година со прилог ЦД и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-523/1 од 09.01.2018 година; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 23.01.2018 година, Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-361/2 од 25.01.2018 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-12/2-18 од 23.01.2018 година со прилог ЦД и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-557/1 од 31.01.2018 година; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 26.01.2018 година, Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-493/2 од 26.01.2018 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-14/2-18 од 26.01.2018 година и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-556/1 од 31.01.2018 година; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, ОНЕ.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 30.01.2018 година, Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-552/2 од 30.01.2018 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-15/2-18 од 30.01.2018 година и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-562/1 од 07.02.2018 година; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.ВИП ДОВ.бр.26/17 двете од 05.01.2018 година, Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-77/2 од 23.01.2018 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-46/2 од 05.01.2018 година со прилог ЦД; Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, ОНЕ.ВИП и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 ситеод 02.03.2018 година, Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.13-1366/2 од 05.03.2018 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-32/2-18 од 05.03.2018 година со прилог ЦД и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-609/1 од 12.03.2018 година; Барање за доставување податоци КО бр.66/17 од 16.03.2018 година до Собрание на Република М. од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција; Одговор на барање бр.08-2031/2 од 20.03.2018 година на Собрание на

Република М.; Анализа на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за обвинетите и тоа: За обвинетиот Крсто Мукоски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 9 страни и за ден 27.04.2017 година на 4 страни; За обвинетиот Сашо Василевски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број … на 10 страни, за телефонскиот број … на 3 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број . на 1 страна и за телефонскиот број … на 4 страни; За обвинетиот Љубен Арнаудов за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 10 страни и за ден 27.04.2017 година на 4 страни; За обвинетиот Љупчо Димовски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 годинана 1 страна и за ден 27.04.2017 година на 4 страни; За обвинетиот Јохан Тарчуловски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 14 страни и за ден 27.04.2017 година на 4 страни; За обвинетиот Митко Чавков за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број … на 18 страни, за телефонскиот број … на 3 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број … на 11 страни и за телефонскиот број … на 1 страна; За обвинетиот Митко Пешов за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 11 страни и за ден 27.04.2017 година на 10 страни; За обвинетиот Душко Лазаров за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 2 страни и за ден 27.04.2017 година на 6 страни; За обвинетиот Горан Ѓошевски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 11 страни и за ден 27.04.2017 година на 7 страни; За обвинетиот Оливер Поповски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број … на 11 страни, за телефонскиот број … на 6 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број … на 9 страни и за телефонскиот број … на 4 страни; За обвинетиот Оливер Радулов за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 годинана 4 страни и за ден 27.04.2017 година на 3 страни; За обвинетиот Мунир Пепиќ за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 6 страни и за ден 27.04.2017 година на 2 страни; За обвинетата Елена Доцевска Божиновска за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 2 страни и за ден 27.04.2017 година на 2 страни; За обвинетиот Иван Цветановски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 1 страна и за ден 27.04.2017 година на 2 страни; За обвинетиот Борис Дамовски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број … на 5 страни, за телефонскиот број …. на 1 страна, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број … на 3 страни и за телефонскиот број … на 1 страна; За обвинетиот Богдан Илиевски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 13 страни и за ден 27.04.2017 година на 9 страни; За обвинетиот Владо Јовановски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 4 страни и за ден 27.04.2017 година на 2 страни; За обвинетиот Игор Дурловски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 9 страни и за ден 27.04.2017 година на 4 страни; За обвинетиот Стефан Младеноски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 1 страна и за ден 27.04.2017 година на 2 страни; За обвинетиот

Михаел Младеноски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број … на 7 страни, за телефонскиот број … на 1 страна, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 7 страни и за телефонскиот број … на 1 страна; За обвинетиот Захарие Симовски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 3 страни и за ден 27.04.2017 година на 3 страни; За обвинетиот Младен Додевски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 10 страни и за ден 27.04.2017 година на 4 страни; За обвинетиот Јане Ченто за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 13 страни и за ден 27.04.2017 година на 10 страни; За обвинетиот Горанче Анѓеловски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број … на 11 страни, за телефонскиот број … на 2 страни, за телефонскиот број … на 1 страна, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број … на 9 страни, за телефонскиот број … на 1 страна и за телефонскиот број … на 1 страна; За обвинетиот Игор Југ за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 5 страни и за ден 27.04.2017 година на 4 страни; За обвинетиот Илија Славевски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 годинана 12 страни и за ден 27.04.2017 година на 10 страни; За обвинетиот Влатко Трајковски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 4 страни и за ден 27.04.2017 година на 2 страни; За обвинетиот Вилијам Михајловски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 8 страни и за ден 27.04.2017 година на 5 страни; Збирна анализа на листинзи за сите обвинети КОИМ бр.19/17 од 21.03.2018 година, врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година; Писмен извештај за извршено вештачење бр.24/1301-319/17 од 19.10.2017 година од Универзитет Св. К. и М. С., Медицински факултет, Институт за судска медицина, Криминалистичка и медицинска деонтологија; Решение за декласификација КО бр.66/17 од 22.03.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Дополнување на барање за доставување на податоци бр.08-2031/3 од 22.03.2018 година на Собрание на РМ; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Никола Митровски-Кољо КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Никола Митровски Кољо I КОК ПП бр.416/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-/11798 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Никола Митревски КР-29423/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Известување бр.28.11.2/01-1607 КУ 4121/17 од 12.06.2017 година на МВР на РМ, СВР-С. ОЕКР-ЕНК ОНКТЛПВП со прилог Фотодокументација без број и датум со 10 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника; Анализа на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на Основното јавно

обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за обвинетиот Никола Митревски-Кољо за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број ... на 21 страна, за телефонскиот број ... на 1 страна и за телефонскиот број ... на 3 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 8 страни и за телефонскиот број ... на 1 страна; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Александар Василевски КР-29433/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Митре Питроповски КР-29425/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Александар Василевски-Нинџа КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција;Наредба за претрес на дом на лицето Александар Василевски-Нинџа I КОК ПП бр.397/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-/11623/1 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.28-118244 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Митре Питроповски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Митре Питроповски I КОК ПП бр.395/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7062 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.; Анализа на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за обвинетиот Александар Василевски-Нинџа за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број ... на 4 страни, за телефонскиот број ... на 4 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 2 страни и за телефонскиот број ... на 3 страни; Анализа на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за обвинетиот Митре Питроповски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број ... на 4 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 1 страна; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Александар Василевски КО бр.66/17 од 14.06.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Допис за доставување мобилен телефон IV КОК-ПП.бр.384/17-30 од 14.06.2018 година од судија на претходна постапка; Барање до мобилниот оператор Оне.ВИП ДОВ.бр.26/17 од 14.06.2018 година, Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.10-3654/2 од 19.06.2018 година со прилог

ЦД; Допис за доставување мобилен телефон IV КОК-ПП.бр.384/17-30 од 18.06.2018 година од судија на претходна постапка; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Александар Василевски КО бр.66/17 од 22.06.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Барање до мобилниот оператор Оне.ВИП ДОВ.бр.26/17 од 22.06.2018 година, Известувања од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.10-3760/3 од 11.07.2018 година и бр.10-3760/2 од 04.07.2018 година; Допис за доставување мобилен телефон IV КОК-ПП.бр.384/17-30 од 26.06.2018 година од судија на претходна постапка; Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Александар Василевски КО бр.66/17 од 28.06.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Барање до мобилниот оператор Оне.ВИП ДОВ.бр.26/17 од 09.07.2018 година; Известување од мобилен оператор ОНЕ.ВИП бр.10-4123/2 од 11.07.2018 година; Барање до мобилниот оператор Оне.ВИП ДОВ.бр.26/17 од 12.07.2018 година; Наредба за спроведување на посебна истражна мерка од чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП КОИМ бр. 19/17 од 08.03.2018 година за ОЈО ГОКК, а во дополнение на доказна постапка се изведоа доказите: вештачење од мобилниот телефон кој го користел обвинетиот Љубен Арнаудов, а по наредба КО бр.66/17 од 05.12.2017 година и извештај за мобилни уреди МУ 177-2017 од 01.03.2018 година, вештачење на мобилен телефон марка „Samsung“ S4 (GT-I9505) со имеи број ... со сим картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број ..., локација на УСБ марка „addlink” со капацитет од 32 GB: USB Report's/02.2 Samsung Galaxy S4/Cellebrite Report's/ Report Samsung Galaxy S4/Samsung GSM_GT-I9505 Galaxy S4 LTE/ Report's. html”, извадени пораки на Вибер група Ljubanci, група пратеници 2017 од телефонскиот уред кој го користел обвинетиот Јохан Тарчуловски согласно вештачења МУ бр.05-2018 од 02.05.2018 година на мобилен телефон марка „Samsung” модел „SM-G935F” со ИМЕИ број ... без сим картичка локација на екстрахирани податоци на ЦД со ознака МУ 05-2018 на локација CD/CELLEBRITE/01 Samsung SM-G935F/Samsung SM-G935F/Samsung GSM_SM-G935FD Galaxy S7 Edge/files/Uncategorized/Viber messages.zip. и на локација CD/CELLEBRITE/01 Samsung SM-G935F/Samsung SM-935F/Samsung GSM_SM-G935FD Galaxy S7 Edge/files/Uncategorized/Viber messages.zip/ Dare Ums Butel.csv”, пораки кои што се сликани од мобилниот телефон на обвинетиот Јохан Тарчуловски, а се од извештајот со број МУ бр.05-2018 од 22.08.2018 година II дел Јохан Тарчуловски/МУ бр.05-2018 (II Дел) скрин шотови Извадоци на скрин шотови од видео записи од вештачење/ Сликите се именувани: boris kab ivanov.png, dare ums butel 1.png, goze bozo 1.png; goze bozo 2.png; hm so johan tarculovski1.jpeg; hm so johan tarculovski2.jpeg; h. M.1.png; h.m.2.png, L. Pratenik.png, pratenici 1.png; pratenici 2.png; pratenici3.png; pratenici4.png; Stevangija2.png; Stevanagija.png; vepre.png; презентација на ЦД снимка добиена со известување од Основното јавно обвинителство С. РО бр.897/18 од

14.06.2018 година, вештачење КО бр.59/2018, (237-45843/1 од 01.06.2018) со локација на USB меморискиуред марка Verbatim со капацитет од 16 GB, локација на видеото е наведениот USB уред при негово отварање Final report 59-2018 КО/Report_Files/files, фајл - слики и видео 1079.MOV, барање КО бр.66/18 од 24.10.2018 година од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција до Стопанска банка АД С., одговор од наведената банка заведен под број 09/910-2(18) од 29.10.2018 година, наредбата за дополнително вештачење КО бр.66/17 од 07.05.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, фотодокументација МУ бр.05-2018 од 21.08.2018 година, со две фотографии на МВР на РМ, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика со прилог едно USB со ознака addlink со капацитет од 32 GB и едно ЦД со ознака USB Write protect заедно со мобилен телефон марка Samsung модел SM-G935K со ИМЕИ ... без сим картичка, фотодокументација МУ бр.177-2017 од 28.02.2018 година со четири фотографии од МВР на РМ Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика со прилог едно USB со ознака addlink со капацитет од 32 GB и едно ЦД со ознака USB Write protect заедно со мобилен телефон марка Samsung модел J5 (SM-J510VN) со ИМЕИ ... со сим картичка од мобилен оператор Телеком со сериски број ... VGD2 и мобилен телефон марка Samsung модел S4 (GT-I9505) со ИМЕИ 357441050460018 со сим картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број ..., фотодокументација МУ број 05-2018 од 03.08.2018 година со две фотографии на МВР на РМ, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика со прилог 1 USB со ознака Verbatim со капацитет од 16 GB и едно ЦД со ознака USB Write protect. Потоа беа изведени доказите на одбраната пред се на тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Крсто Мукоски, така да беше сослушан сведокот М. А., а потоа неговиот бранител, адвокат Гоце Ристески ги прочита писмените докази и тоа Стенографски белешки од деветтото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ одржана на 6 април 2017 година, Стенографски белешки од осмото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ одржана на 5 април 2017 година, Стенографски белешки од осумнаесеттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ одржана на 27 април 2017 година, Стенографски белешки од десеттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ од 10 април 2017 година, Стенографски белешки од шеснаесеттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ од 21 април 2017 година, Стенографски белешки од четиринаесеттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ одржана на 19 април 2017 година, Стенографски белешки од седмото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ одржана на 04 април 2017 година, Стенографски белешки од тирнаесеттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ од 18 април 2017 година, Стенографски белешки од дванесеттото продолжение на конститутивната

седница на Собранието на РМ од 27 април 2017 година, Стенографски белешки од деветнаесеттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ од 26 април 2017 година, Стенографски белешки од дванесеттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ од 12 април 2017 година, Стенографски белешки од седумнаесеттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ од 24 април 2017 година, Стенографски белешки од единаесеттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ од 11 април 2017 година, Стенографски белешки од петнаесеттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ од 20 април 2017 година и Стенографски белешки од шесттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ од 03 април 2017 година. Потоа беа изведени доказите на тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Сашо Василевски па така неговиот бранител адвокат Александар Новаковски ги прочита писмените докази и тоа Деловник на Собрание на РМ, стенографски белешки од првата конститутивна седница на Собрание на РМ одржана на 25 јуни 2011 година, стенографски белешки од првата конститутивна седница на Собрание на РМ одржана на 10 мај 2014 година, стенографски белешки од првата конститутивна седница на Собрание на РМ одржана на 30 декември 2016 година, стенографски белешки од првото продолжение на првата седница на Собранието на РМ одржана на 27 март 2017 година, стенографски белешки од осмото продолжение на конститутивната седница на Собрание на РМ одржана на 5 април 2017 година, стенографски белешки од деветтото продолжение на конститутивната седница на Собрание на РМ одржана на 6 април 2017 година, стенографски белешки од 14-тото продолжение на првата конститутивна седница на Собрание на РМ одржана на 19 април 2017 година, стенографски белешки од 19-тото продолжение на конститутивната седница на Собрание на РМ одржана на 26 април 2017 година и стенографски белешки од 20-тото продолжение на конститутивната седница на Собрание на РМ одржана на 27 април 2017 година, Правилникот за внатрешен ред на Собранието на РМ од ноември 2011-та и Упатство за спроведување на Правилникот за внатрешен ред на Собранието од ноември 2017 година, после што се изврши репродукција на снимка со ознака New folder прва снимка која што е 6А од 07.06.2013 година, снимка 6В од 07.06.2013 година, снимка со број 8 од 06.10.2014 година, снимка означена како број 9 од 06.10.2015 година, снимка означена како фолдер под број 10 со датум од 18.03.2015 година, снимка означена како фолдер 11 од 30.03.2015 година, снимка означена како 12 од 01.12.2016 година, снимка под број 3 од 22.09.2017 година, кои се докази на обвинетиот, а сега амнестиран Љупчо Димовски. Во продолжение на доказната постапка беа изведени доказите на обвинетиот Митко Чавков, па така неговиот бранител, адвокат Сашко Дуковски ги прочита писмените докази и тоа: информација број 22.1-453/1 изготвена од Бирото за јавна безбедност на ден 05.05.2017 година доставена до Кабинетот на Бирото за јавна безбедност, примерок број 1, што ќе рече

првиот примерок со предмет на оваа информација анализа на мерките и активностите на полицијата во врска со оперативната акција „Платформа“, која што информација е изработена од Вишиот полициски советник ЕСПСКК Жаклина Просароска, Началник на Сектор за ОУП Душко Лазаров, Началник на Сектор за ОКП З. П., Началник на Сектор на ОКРА В. М., а одобрено од Помошник на директорот на ЕСПСКК Д-р Т. С., Помошник на директорот на ОУП С. С., Помошник на директорот на ОКП М. Н. и Помошник на директорот на ОКРА А. Т., беа сослушани сведоците Н. Д.и В. Ц., а откако беа прибавени докази за обвинетиот од страна на судот врз основ на чл.311 од ЗКП и беше извршена декласификација на доказите кои ги предлагаа обвинетите Митко Чавков и Душко Лазаров, а се работи за неколку решенија за декласификација и тоа под бр. 22.6.1.1-106840/1 од 19.12.2018 година, 22.6.1.1-106842/1 од 19.12.2018 година, 22.6.1.1-106841/1 од 19.12.2018 година, 22.6.1.1-106836/1 од 19.12.2018 година, 22.6.1.1-106837/1 од 19.12.2018 година и 22.6.1.1-106838/1 од 19.12.2018 година, бранителот на обвинетиот Митко Чавков, адвокат Сашко Дуковски ги прочита дополнителните докази и тоа: примерок од План за мерки и активности И.бр.22.2-70/022017 од 02.03.2017 година, примерок од План за проценка и управување на ризик бр. 22.4-733 од 02.03.2017 година, Анекс предлог за воспоставување на оперативна акција И.бр.22.2-69/1/02/2017 од 03.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности И.бр.22.2-70/1/02/2017 од 03.03.2017 година, Тактичка одлука И.бр. 22.2-72/02/2017 од 03.03.2017 година, Тактичка одлука И.бр. 22.2-81 од 08.03.2017 година, Анекс план на план за мерки и активности И.бр.22.2-83 од 08.03.2017 година, Информација за извршена анализа на мерки и активности на полицијата во врска со оперативна акција „Платформа“ бр.22.1- 453/1 од 05.05.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ бр. 22.4 - 758 од 03.03.2017 година, Записник за активности на ОШ по ОА „Платформа“ за ден 04.03.2017 година, а под Ев. бр. 22.4 - 759 од 04.03.2017 година, Записник за одржан работен состанок на Министерот за внатрешни работи со директорите на БЈБ и УБК, замениците директори, помошниците директори во БЈБ и УБК и членови на Оперативниот штаб на ОА „Платформа“ бр. 22.4 - 760 од 04.03.2017 година, Записник за активности на ОШ по ОА „Платформа“ за ден 05.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 868 од 05.03.2017 година, Записник за активности на ОШ по ОА „Платформа“ за ден 06.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 786 од 06.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 06.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 814 од 07.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 07.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 831 од 09.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 08.03.2017 година Ев.бр. 22.4 - 823 од 08.03.2017 година, Записник од колегиум на Министер за внатрешни работи во врска со активности од ОА „Платформа“ Ев. бр. 22.4 - 894 од 10.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 11.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 899 од 11.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден

09.03.2017 година под Ев. бр. 22.4 - 893 од 09.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 10.03.2017 година Ев бр. 22.4 - 895 од 10.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 12.03.2017 година Ев бр. 22.4 - 926 од 12.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 13.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 984 од 13.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 14.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 988 од 14.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 15.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1031 од 15.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 16.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1055 од 16.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 17.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1077 од 17.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 20.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1168 од 20.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 21.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1181 од 21.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 22.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1182 од 22.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 23.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1210 од 24.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 24.03.2017 година Ев. бр. 22.4 -1248 од 24.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 25.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1249 од 25.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 26.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1256 од 26.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 27.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1255 од 27.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 28.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1315 од 28.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 30.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1381 од 30.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 29.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1352 од 29.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 31.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1420 од 31.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 03.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1422 од 03.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 01.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1421 од 01.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 04.04.2017 година Ев.бр. 22.4 - 1456 од 04.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 05.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1516 од 05.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 06.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1532 од 06.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 07.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1559 од 07.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 08.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1569 од 10.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 10.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1596 од 10.04.2017 година, Записник за

активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 11.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1692 од 11.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 12.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1698 од 13.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 19.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1779 од 19.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 18.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1764 од 18.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 20.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1836 од 20.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 21.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1934 од 24.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 24.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1939 од 25.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 25.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1679/1 од 25.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 26.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1995 од 27.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 28.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 2089 од 28.04.2017 година, План за мерки и активности за физичко, сообраќајно и оперативно обезбедување на ненајавени јавни собири на граѓанска иницијатива „За заедничка М.“ организирани преку социјалните мрежи кои се одржуваат секојдневно пред објектите на Влада и Собрание на РМ како и контрапротестот од група граѓани март 2017 година Дов. бр.28-61 од 06.03.2017 година,  План за мерки и активности Д.бр. 28-95/1 од 15.03.2017 година, План за мерки и активности за физичко, сообраќајно и оперативно обезбедување на ненајавени јавни собири на граѓанска иницијатива „За заедничка М.“ организирани преку социјалните мрежи кои се одржуваат секојдневно пред објектите на Влада и Собрание на РМ како и контрапротестот од група граѓани март 2017 година Дов. бр.28-75/1 од 10.03.2017 година, План за мерки и активности Дов. бр. 28-74/1 од 05.03.2017 година, План за вонредно внатрешно и надворешно физичко обезбедување на објектот Собрание на РМ бр. 23.2.5.1/1-42 од 13.03.2017 година, Анекс план за реализација за вонредни мерки за внатрешно и надворешно обезбедување на Собрание на РМ и евакуација и спасување - ОА „Платформа“ Ев.бр.23.2.1-01/11-1 од 09.03.2017 година, План за мерки и активности за физичко сообраќајно и оперативно обезбедување на ненајавени јавни собири на граѓанска иницијатива „За заедничка М.“ организирани преку социјални мрежи и контрапротести од група граѓани место објект на Влада и Собрание на РМ Д.бр.28-158/1 од 28.04.2017 година, Телеграма од Бирото за јавна безбедност бр.54 од 28.04.2017 година, Примерок од списоци од УПС од СВР К., Б., Т., О., С., Ш. ,В. ангажирани по телеграма за потреби на СВР С. за постапување, Барање за ангажирање на униформирани полициски службеници за потреби на СВР С. за ден 27.04.2017 година бр. 28-3902/1 од 24.04.2017 година, Телеграма бр. 22.2 - 49 од 25.04.2017 година за ангажирање на УПС за потребите на СВР С. за 27.04.2017 година од 25.04.2017 година, Известување за повлекување на барање за ангажирање на полициски службеници за потреби на СВР С. бр. 28-3902/2 од 26.04.2017 година,

Анекс план за мерки и активности Дов. бр. 28-154/1 од 26.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д. бр. 28-151/1 од 24.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д. бр. 28-150/1 од 22.04.2017 година, План за мерки и активности Д. бр. 28-142/1 од 18.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д. бр. 28-142/1 од 18.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д. бр. 28-141/1 од 18.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д. бр. 28-140/1 од 18.04.2017 година, Список на ангажирани УПС за потреби на СВР С. од 18.04.2017 година од СВР Т., Барање за ангажирање на УПС од други СВР за потреби на СВР С. бр. 28-3665/1 од 18.04.2017 година, Телеграма бр.49 од 18.04.2017 година до началниците на СВР С., СВР К., СВР Ш., СВР Т. и СВР Б. и СВР О. од Директорот на БЈБ за ангажирање на УПС за потреби на СВР С., Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-134/1 од 12.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-130/1 од 10.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-129/1 од 10.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-127/1 од 05.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-125/1 од 04.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-120/1 од 04.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-116/1 од 31.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-115/1 од 31.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-112/1 од 28.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-111/1 од 29.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-108/1 од 27.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-106/1 од 24.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-105/1 од 23.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-103/1 од 22.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-96/1 од 22.03.2017 година, План за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјалните мрежи кој ќе се одржи на 21.03.2017 година (вторник) со почеток во 17:00 часот пред објект на Влада на РМ Д.бр. 28-93/1 од 17.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 20.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-92/1 од 17.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 18.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-91/1 од 17.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 17.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-89/1 од 16.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 16.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и

Собрание на РМ Д.бр. 28-87/1 од 15.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 15.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-86/1 од 15.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 14.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-82/1 од 14.03.2017 година, План за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 13.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-80/1 од 13.03.2017 година, План за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 12.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-79/1 од 10.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 11.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-78/1 од 10.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 10.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-71/1 од 09.03.2017 година, План за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 09.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-70/1 од 09.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 08.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-67/1 од 08.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 07.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-65/1 од 07.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 06.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-64/1 од 06.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 04.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-63/1 од 06.03.2017 година, План за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку

социјални мрежи кој ќе се одржи на 03.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-60/1 од 03.03.2017 година, Писмено барање рег. бр. 28-109 од 27.02.2017 година, Писмено барање рег. бр. 28-112 од 28.02.2017 година, Писмено барање рег. бр. 28-119 од 01.03.2017 година, Писмено барање рег. бр. 28-123 од 02.03.2017 година, Писмено барање рег. бр. 28-138 од 03.03.2017 година, Писмено барање рег. бр. 28-139 од 03.03.2017 година, Писмено барање рег. бр. 28-143 од 06.03.2017 година, Писмено барање рег. бр. 28-144 од 07.03.2017 година, Писмено барање рег. бр. 28-149 од 08.03.2017 година, План за превземање на оперативно тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД бр. 23.4.2-9/16 од 20.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-151 од 07.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-153 од 09.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-163 од 10.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-161 од 10.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-173 од 10.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-177 од 14.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-182 од 15.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-183 од 15.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-191 од 14.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-196 од 17.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-198 од 17.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-197 од 16.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-212 од 23.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-2758 од 21.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-211 од 22.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-213 од 23.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-218 од 24.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-225 од 27.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-229 од 28.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-232 од 30.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-234 од 31.03.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-245 од 04.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-246 од 04.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-256 од 05.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-257 од 06.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр.28-259 од 07.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-267 од 10.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-268 од 10.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-293 од 18.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-294 од 18.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-3845/1 од 21.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-3850/1 од 21.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-3906/1 од 24.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-3932/1 од 25.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-4028/1 од 26.04.2017 година, Писмено барање Рег. бр. 28-4029/1 од 26.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/10 од 14.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/9 од 10.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/8 од 10.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки

(обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/7 од 10.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/6 од 10.03.2017 година, План за превземање на оперативно - тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/5 од 09.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/11 од 15.03.2017 година, План за превземање на оперативно - тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/12 од 16.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/13 од 17.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/14 од 17.03.2017 година, План за превземање на оперативно - тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/15 од 20.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/23 од 28.03.2017 година, План за превземање на оперативно - тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/24 од 28.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/20 од 24.03.2017 година, План за превземање на оперативно - тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/21 од 24.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/22 од 27.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/17 од 21.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/18 од 22.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/19 од 22.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/25 од 30.03.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/26 од 03.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/27 од 04.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/28 од 05.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/29 од 06.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички

мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/30 од 07.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/31 од 07.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/32 од 07.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/33 од 07.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/34 од 10.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/35 од 11.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/36 од 11.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/37 од 11.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/38 од 12.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/39 од 13.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/40 од 13.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/41 од 13.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/42 од 19.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/43 од 20.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/44 од 21.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/45 од 24.04.2017 година, План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/46 од 25.04.2017 година, Копија од Анекс план рег. бр. 23.2.1-02/71 од 12.04.2017 година и Телеграма бр. 22.2-46 од 19.4.2017 година. Во продолжение на доказната постапка беа изведени доказите на обвинетиот Митко Пешов, па така беше сослушан сведокот Б. Т., а потоа обвинетиот изнесе одбрана, после што беа изведени доказите на обвинетиот Душко Лазаров при што истиот изнесе своја одбрана, а потоа беа сослушани сведоците Ѓ. С., Т. Г. и Т. А., а потоа бранителот на обвинетиот Душко Лазаров, адвокат Душко Јанковиќ ги прочита писмените докази и тоа: План за мерки и активности за ОА „Платформа“ И.бр. 22.2-70/02/2017 од 02.03.2017 година, Телеграма за

постапување по ОА „Платформа“ И.бр. 22.2-23 од 03.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности И.бр.22.2-83 од 08.03.2017 година, План за мерки и активности за физичко сообраќајно и оперативно обезбедување на не најавени јавни собири на граѓанската иницијатива „За заедничка М.“ организирани преку социјалните мрежи кои се одржуваат секојдневно пред објектите на Влада и Собранието на РМ, како и контрапротестот од група граѓани под Д.бр. 28-75/1 од 10.03.2017 година, Анекс план за реализација на вонредни мерки за внатрешно и надворешно обезбедување на Собранието на РМ и евакуација и спасување ОА „Платформа“ Ев.бр.23.2.1-01/11-1 од 09.03.2017 година, План за вонредно внатрешно и надворешно физичко обезбедување на објектот Собрание на РМ бр. 23.2.5.1/1-42 од 13.03.2017 година, Записник за активности во ОШ ОА „Платформа“ Ев.бр.22.4-893 од 09.03.2017 година, Записник за активности во ОШ ОА „Платформа“ за ден 31.03.2017 година заведен под број Ев.бр.22.4-1420 од 31.03.2017 година, Писмено барање до БЈБ Оддел за униформирана полиција под Рег.бр. 26-3902/1 од ден 24.04.2017 година, Известување до БЈБ Оддел за униформирана полиција и Сектор за полициски работи од општа надлежност под број Рег.бр.28-3902/2 од 26.04.2017 година. Потоа беа изведени доказите на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви, па така беа сослушани сведоците М. И. Н.,Т. Д., И. С., Т. В. и М. Ј., а потоа истиот изнесе одбрана, после што бранителот на обвинетиот адвокат Ружица Николовска ги прочита псмените докази и тоа: Решение број 24.7.77-084/1 од 19.10.2015 година на МВР со кое Горан Ѓошевски е распореден на работно место Началник на Одделение категорија Б, ниво Б5, за лично обезбедување на Претседател на Собрание на РМ, Сектор за обезбедување на личности, Оддел за заштита на определени личности и објекти, Централни полициски служби, БЈБ; Медицинска потврда за С. Ѓ. број 0302-612/2 од 15.12.2017 година, издадена од ОЕ-Служба за ИМП за домашно лекување- С.; Медицинска потврда со број 0302-234/1 од 09.05.2017 година на ЈЗУ Здравствен дом С. – С., ОЕ-Служба за ИМП со домашно лекување со која се потврдува дека Службата за итна медицинска помош интервенирала за Горан Ѓошевски на ден 27.04.2017 година; Извод од Матичната книга на умрени за С. Ѓ. и Правилник за внатрешниот ред на Собранието на РМ од 2011 година, Уверение за бранител на име на Горан Ѓошевски нотарски заверен УЗП 7765/2018, Сертификат за обука за Горан Ѓошевски нотарски заверен УЗП 7768/2018, Извод од матична книга на венчани за Горан Ѓошевски нотарски заверен УЗП 7774/2018, Извод од матична книга на родените за Н. Ѓ. нотарски заверен УЗП 7771/2018, Извод од матична книга на родените за Алексо Ѓошевски нотарски заверен УЗП 7770/2018, Уредба за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедувањето (Службен весник на РМ бр. 56 од 27 март 2014 година), Органограм на МВР на РМ од октомври 2015 година јавно достапен на Веб страна на Министерството, Стенографски белешки од дванаесеттото продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ одржано на ден 27 април 2017 година јавно достапно

на Веб страната на Собранието на РМ, Листинг на повици за Т. В. за телефонски број ... за месец април 2017 година, Решение за отказ договор за вработување за Горан Ѓошевски нотарски заверено УЗП 7762/2018, Барање до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за собирање на докази од страна на Јавниот обвинител од 23.03.2018 година нотарски заверено УЗП 7766/2018 и Известување - одговор од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција од 28.03.2018 година нотарски заверено УЗП 7761/2018 година. Во продолжение на доказната постапка беа изведени доказите на обвинетиот Оливер Поповски, па така неговиот бранител, адвокат Панче Нефтенов ги прочита писмените докази и тоа: Предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност бр.23.2.1-01/26 од 09.05.2017 година на Началник на ОЗОЛО Т. С., Фотографии во црно-бела боја од Прес центар сала на Собрание на РМ и Мислење од Македонски полициски синдикат од овластен претставник на Македонски полициски синдикат С.Ј.. Потоа беа изведени доказите на обвинетиот Мунир Пепиќ, па така беа сослушани сведоците В.Ѓ., М. О.и В.Х., а потоа истиот изнесе одбрана, после што бранителот Еленко Миланов во продолжение на доказната постапка ги прочита дополнителните докази и тоа: Наредба на ОЈО за гонење организиран криминал и корупција до Агенција за ... на РМ КО.бр.66/17 од 11.12.2017 година, Допис од ОЈО за гонење организиран криминал и корупција до бранителот на обвинетиот Мунир Пепиќ адвокат Еленко Миланов КО.бр. 66/17 од 13.09.2018 година кон кој допис како прилог е доставена претходно изведената наредба. Потоа беа изведени доказите на обвинетиот Абдуљфета Алими па така беше извршена презентација на снимка, УСБ 1 ознака А2 влез Прес, снимка на ЦД со ознака analog _1_18_55_07_04_27.1.mp4, а воедно беше сослушан и сведокот З. С., а потоа неговиот бранител ги прочита писмените докази и тоа Решение донесено од МВР на РМ бр. 24.7 76779/1 од 19.10.2015 година кое е донесено врз основа на чл.55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и чл.116 од Законот за внатрешни работи и подзаконскиот акт Решение за пренесување на овластување од 01.06.2015 година. Во продолжение беа изведени доказите на тогаш обвинетата, а сега амнестирана Елена Доцевска Божиновска при што беа сослушани сведоците С. Н., Ж. Д., С. У. С., Б. В., а потоа нејзиниот бранител Звонко Богдан ги прочита писмените докази и тоа: Барање до Фондот за здравствено осигурување на РМ поднесено од Е. Д. Б. од 29.01.2014 година примено на 30.01.2014 година во Фондот заведено под бр.07-1725/1, Предлог за остварување на правото на биомедицинско потпомогнато оплодување до Фондот за здравствено осигурување на РМ под број 495/2014 од 29.01.2014 година, Специјалистички - субспецијалистички упат до ПЗУ „Аџибадем Систина“, Акушерство и гинекологија С. за Е. Д. Б. заверен под број 2539/14 од 09.05.2014 година, Лекарски извештај на Амбулантата за рентген дијагностика со регистарски број 81343 на име Е.Д. Б. од ден 09.12.2011 година, Отпусно писмо од ПЗУ Клиничка болница „Аџибадем Систина“ на име Д. Б. Е. од ден 10.02.2012

година, Лекарски извештај од Амбулантата за асистирана репродукција на „Аџибадем Систина“ со рег.број 81343 од 27.06.2013 година, Лекарски извештај од Амбулантата за асистирана репродукција со истиот регистарски број 81343 од 22.05.2013 година на име Д. Б. Е., IVF програм од ПЗУ „Аџибадем Систина“ за Е. Д. Б. од датум 30.05.2014 година, Отпусно писмо од ПЗУ „Аџибадем Систина“ од Гинекологија и акушерство на име Е. Д. Б. од 28.02.2015 година, Отпусно писмо на ЈЗУ Општа болница К. ДБ-по ДРГ Акушерство со киретажа под број на историја 3320/2017 година од 12.05.2017 година на име Д. Б. Е., Офталмолошки наод од ПЗУ Д-р „П.“ заведен под лекарски дневник 182 со анамнеза контрола на вид од 20.04.2018 година, Лекарска книшка на име Б. И. С., ќерка на обвинетата Елена дата на книшката е 06.04.2015 година, Р. за препишани лекарства на име С. Б. од 19.12.2017 година, Лекарска книшка на име Б. И. Н. од 03.05.2016 година, син на Е.Д. Б., заведена под број 1719, Лекарски рецепт на име Н. Б., Извештај на специјалист-субспецијалист за Н. Б. од 16.12.2016 година, Наод и мислење за лицето В. Д. заведен под број 3325 од 04.12.2017 година која е мајка на обвинетата, Извод од Матичната книга на родените заведен под тековен број 135 од 1981 година издаден под деловоден број 208-1/2603 од 23.03.2012 година за сопругот на обвинетата Е.. Д. Б., како и на крајот Наод и мислење од вештачење од предметот пред Основниот суд во К. Кри.бр.48/04 за сообраќајната незгода во која се загинати родителите на сопругот на Е.Д.Б., кои што докази се заверени кај Нотар Д. Ж. од К.. Потоа беа изведени доказите на тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Богдан Илиевски, па беше презентирана снимка на ЦД 03/18 насловена како „Говори 27 април пред Собрание“, беа сослушани сведоците П. И., И. О. Т., Т. Ј. и М. И.. Потоа беа изведени доказите на тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Владо Јовановски, па неговиот бранител, адвокат Донче Наков изврши презентација на ЦД именувани како снимки од сите интернет портали - Република, слики 5, 6 и 7 и на една снимка од Телевизија Т., а со наслов „Т. Миомир Собрание“, после што бранителот на обвинетиот Владо Јовановски, адвокат Донче Наков ги прочита писмените докази и тоа: Записник за сторен сообраќаен прекршок од 27.04.2017 година со бр.253572 од МВР на РМ, Мандатен платен налог од 27.04.2017 година со бр.157472 од МВР на РМ како прилог кон Записник за сторен сообраќен прекршок од претходно наведен, Каса прими под бр.3.369 од ЈП „Градски паркинг“ С. од 27.04.2017 година, сите нотарски заверени. Во продолжение на доказната постапка тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Стефан Младеноски изнесе одбрана, а исто и тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Михаел Младеноски изнесе само одбрана како и тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Захарие Симовски кој што само изнесе одбрана. Потоа беа изведени доказите на обвинетиот Игор Југ кој изнесе одбрана, а потоа беше извршена презентација на видео снимка од Прес конференцијата на сослушаниот сведок Д. М. од 30.04.2017 година и која е насловена како „М.: криминалци и убијци беа пратени во Собранието, ќе одговараат со нарачателите!“, а кое е

запишано на ЦД 1. Во продолжение на доказната постапка обвинетиот Влатко Трајковски само изнесе одбрана. Потоа беа изведени доказите на обвинетиот Александар Василевски-Нинџа па најнапред истиот изнесе одбрана, а потоа беа сослушани сведоците В. А., В. П., Б. В. и Д. Д., па ценејќи ги доказите секој одделно и сите заедно, по слободно судиско уверување ја утврди следната фактичка состојба:

Митко Чавков со ЕМБГ …, од татко И., мајка З., роден на … година во с.Н. С., со адреса на живеење на ул.„…“ … С., женет, татко на две полнолетни деца,  Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело

Митко Пешов со ЕМБГ ..., од татко Б., мајка Г., роден на ... година во К., со адреса на живеење на ул.„...“ бр.. К., со лична карта број ... издадена од МВР К., женет, татко на две деца, од кои едно малолетно и едно полнолетно, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Душко Лазаров со ЕМБГ ..., од татко С., мајка М., роден на ... година во К., со адреса на живеење на ул.„....“ бр...С., со лична карта број ... издадена од МВР С., женет, татко на две полнолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, не осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Горан Ѓошевски-Леви со ЕМБГ ..., од татко А., мајка С., роден на ... година во С., со адреса на живеење на ул.„...“ бр.. влез 1 стан 21 С., со лична карта број ... издадена од МВР С., женет, татко на две полнолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Оливер Поповски со ЕМБГ ..., од татко Б., мајка А., роден на ... година во С., со адреса на живеење на бул.„...“ бр..., С., со лична карта број ... издадена од МВР С., женет, татко на две малолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Оливер Радулов со ЕМБГ ..., од татко Љ., мајка Л., роден на ... година во С., со адреса на живеење на ул.„...“ бр.., С., со лична карта број... издадена од МВР С., женет, татко на две малолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Мунир Пепиќ со ЕМБГ ..., од татко Х., мајка С., роден на .... година во С., со адреса на живеење на ул. „...“ бр.. с.Б., С., со лична карта број ... издадена од МВР С., женет, татко на две малолетни и едно полнолетно дете, Бошњак, државјанин на РСМ, неосудуван, се води постапка за друго кривично дело.

Абдуљфета Алими со ЕМБГ ..., од татко А., мајка Н., роден на ... година во Општина Л., с.О., со адреса на живеење во с.О. .., Општина Л., со лична карта број .... издадена од МВР К..., женет, татко на две полнолетни деца,

Албанец, државјанин на РСМ, не осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Младен Додевски со ЕМБГ ..., од татко Б., мајка М., роден на ... година во С., каде и живее на ул.„...“ бр.., женет, татко на едно малолетно дете, Македонец, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Јане Ченто со ЕМБГ ..., од татко К., мајка В., роден на ... година во П., каде и живее на ул.„...“ бр.. П., со лична карта број ... издадена од МВР П., женет, татко на едно малолетно дете, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Горанче Анѓеловски со ЕМБГ ..., од татко К., мајка Б., роден на ... година во В., каде и живее на ул.„...“ бр..., В., со лична карта број .... издадена од МВР В., женет, татко на едно полнолетно и две малолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Игор Југ со ЕМБГ ..., од татко С., мајка Д., роден на ... година во К., каде и живее на ул.„...“ бр..., К., живее во вонбрачна заедница, татко на четири деца од кои две малолетни деца, Хрват, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Влатко Трајковски со ЕМБГ ..., од татко Л., мајка Ј., роден на ... година во С., каде и живее на ул.„...“ бр..., с.Д., С., а по лична карта на ул.„...“ бр.., с.Д., С., со лична карта број ... издадена од МВР С., женет, татко на две малолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Вилијам Михајловски со ЕМБГ ..., од татко М., мајка Н., роден на ... година во К., каде и живее на ул.„...“ бр..., со лична карта број ..., Македонец, неженет, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Никола Митревски - Кољо со ЕМБГ ..., од мајка С., роден на ... година во С., каде и живее на ул.„...“ бр..., женет, татко на две малолетни деца, Македонец, државјанин на РСМ, осудуван, не се води друга постапка.

Александар Василевски - Нинџа со ЕМБГ ..., од татко М., мајка М., роден на ... година во С., каде и живее на ул.„...“ бр..., женет, татко на едно малолетно дете, Македонец, државјанин на РСМ, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

На 27.04.2017 година од 14,30 до 22,30 часот за време на одржувањето на Конститутивната седница на Собранието на РМ, обвинетите Крсто Мукоски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија објавен (Службен весник на РМ бр.233 од 18.12.2018 година), Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија,

Љупчо Димоски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски-Леви, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Абдуљфета Алими, Елена Доцевска Божиновска за која постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Иван Цветановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Богдан Илиески за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Игор Дурловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеноски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Никола Митревски Коњо, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Александар Василевски Нинџа, со намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на РМ, да оневозможат и спречат избор на Претседател на Собранието на РМ, предизвикале акт на насилство во Собранието на РМ како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во РМ, ги загрозиле животот на пратеници, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието на РМ, со што создале чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните, со извршување на повеќе поврзани и усогласени дејствија за мобилизирање на членството на здруженијата „Тврдокорни", „Черноземски", „Ченто"  „Ќосето" и други, инструирање на група со маски и фантомки за насилно влегување и вршење насилство во просториите на Собранието, држење на потпалувачки говори, отстранување на безбедносните и заштитни механизми од главната влезна врата на Собранието, насочување кон просториите со истовремено координирано неактивирање на полициски сили, а обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски за кого постапката е раздвоена, со умисла им помогнале на обвинетите во извршување на кривичното дело, на начин што: откако Б. В. обезбедување на Н. Г., тогаш претседател на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, а кои се наоѓале во В., А. од тел.бр.071/ 332-406, сопственост на Службата за општи и заеднички работи на Влада на РМ во 14,39 часот контактирал со неговиот брат обвинетиот Александар Василевски Нинџа, кој потоа заедно со обвинетиот Никола Митревски Коњо, телефонски ги контактирале обвинетите Јане Ченто, Игор Југ, Младен Додевски, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеновски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија, и Д. Д. Д., сега недостапен на органите на прогон, го мобилизирале членството од С. и други градови, за насилен упад во Собранието, однапред знаејќи дека објектот на Собранието не е соодветно обезбеден и заштитен со полициски сили, бидејќи обвинетите Митко Чавков – директор на Бирото за јавна безбедност и раководител на Оперативен

штаб со златна команда, Митко Пешов –началник на Оддел за специјални полициски операции и Душко Лазаров – началник во Оддел за униформирана полиција - дежурен во Оперативниот Штаб, со неиздавање наредби за распоредување на дополнителни полициски сили за надворешно и внатрешно обезбедување на Собранието овозможиле непречено да се влезе за да се оствари целта на насилниот упад, па така обвинетиот Александар Василевски-Нинџа собрал група од 68 лица пред и во кафе бар „Дион", на кои обвинетиот Горанче Анѓеловски Ќосето им делел маски – фантомки за да го прикријат ликот, во меѓувреме обвинетите Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Богдан Илиевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија како организатори на протестите „За заедничка М." ги повикале и ја повеле масата народ кон Собранието кога тогашниот претседавач на седницата Т. В. преку ред му дал збор на пратеникот З. И., кој ја испеал химната на Р.А., па обвинетите Богдан Илиевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно со Закон за амнестија со потпалувачки говори ја разгореле нетрпеливоста на насобраните граѓани, така што Богдан Илиевски со зборовите „...денеска бараме од вас гласно и прецизно многу бучно да ги поздравите сите кои на сила седат внатре и забораваат дека на сила може и да излезат од внатре..", а обвинетиот Борис Дамовски со зборовите „...денес се пееше друга химна на говорница, собрани во некој ќош, во некој ходник, отпеаја химна на странска држава, ова е окупација, мораме да го одбраниме Собранието... да се собереме, викајте повеќе од вашите пријатели, роднини, деца, се решава иднината на Република М.", па откако Никола Митревски-Кољо добил телефонски повик во 18,58 часот, групата во која биле обвинетите Никола Митревски Кољо, Игор Југ, Јане Ченто, Горанче Ангеловски-Ќосето, Вилијам Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски Луди, Младен Додевски, Д. Д. Дешо, сега недостапен на органите на прогон, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеноски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, веќе обвинетиот Андреј Мицов и други НН лица со маски и фантомки на главите се упатила кон Собранието, па насобраните граѓани ја урнале и прескокнале заштитната ограда пред Собранието и се обиделе со туркање, удирање на полициските службеници поставени пред овие врати, како и со кршење насилно да ги отворат влезните врати потпомогнати од групата предводена од обвинетите Никола Митревски-Кољо, Игор Југ, Вилијам Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Влатко Трајковски, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, веќе обвинетиот

Андреј Мицов, Младен Додевски и Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон со употреба на физичка сила-влечење отстраниле еден од овластените службени лица од единицата ЕБР поставени пред влезните врати, но не успеале да ги отворат поради нивната безбедносна заштита, па затоа обвинетите Крсто Мукоски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љупчо Димовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, како и обвинетиот Горан Ѓошевски - Леви - началник на обезбедување на тогашниот претседавач Т. В., преку холот дошле до влезната врата, за да ги отстранат металните заштитни греди и да ја отворат вратата, обвинетиот Љупчо Димовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија со раце им покажал како да ги отстранат гредите, обвинетиот Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија во 18,46 часот пред отворањето на вратите по телефон го повикал веќе обвинетиот – сведокот Н. В. со зборовите "ајде, каде сте, што правите, што не влагате", а потоа обвинетиот Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, обвинетиот Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ја извадил горната заштитна греда од средната влезна врата, меѓутоа сведокот В. С. ја вратил на место, па обвинетите Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија повторно ги извадиле горната и долната заштитна греда од средната врата, по што обвинетиот Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија се обидел да ја отвори вратата, но затоа што била заклучена, не можел да ја отвори, а за цело време обвинетите Горан Ѓошевски-Леви Началник на личното обезбедување на Трајко Вељановски, Оливер Поповски – Началник за превентивно обезбедување во Оддел за заштита на определени личности и објекти и обвинетиот Абдуљфета Алими – Виш оперативен работник - внатрешно обезбедување на главен влез на Собрание, постапиле спротивно на своите службени овластувања и задачи, не само што не ги спречиле во отварањето на предните влезни врати, туку обвинетиот Абдулфета Алими и му ги дал клучевите од влезната врата на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви за кое време обвинетите Крсто Муковски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Сашо Василевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ги извадиле металните заштитни греди од левата и десната влезна врата за да овозможат влез на насобраните граѓани и на претходно формираната група на лица со фантомки кои влегле во Собранието, при што обвинетите Горан Ѓошевски-Леви, Оливер Поповски и Абдуљфета Алими ги насочувале кон просториите на Собранието – Пленарна сала М. и Сала три - прес сала, Јохан Тарчуловски за кого постапката е запрена согласно

Закон за амнестија и Љубен Арнаудов за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ги повикувале што помасовно да влезат внатре, ги повеле во Сала М. каде обвинетите Игор Дурловски, Борис Дамовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија држеле говори со кои ги бодреле за насилство и при тоа обвинетиот Владо Јовановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија се обратил со зборовите „ нашата најголема казна е што сме дочекале да имаме такви одвратни пратеници, еве ги меѓу народот, ако предавниците избегаат ја разнебитуваат М., секој оној кој тргнал против својот народ и не го слушал, на крај ќе биде губитник“, обвинетите Елена Доцевска-Божиновски за која постапката е запрена согласно Закон за амнестија и Иван Цветановски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија – советници во кабинетот на Т. В., ја повикувале, воделе и насочувале масата народ и лицата со фантомки кон Прес салата – Сала 3, кога се одржувала прес конференција по изборот на пратеникот Т. Џ. за претседател на Собранието на Република М., кон која се упатиле и обвинетите Никола Митровски-Кољо, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, Младен Додевски, Митре Питроповски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, каде ги пречекал обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви, кој со службената картичка ја отворил стаклената врата во холот, а потоа обвинетиот Никола Митровски-Кољо со нога го искршил стаклото од вратата, со рака им покажал каде се наоѓа прес салата и пред вратите на Прес салата обвинетиот Никола Митровски Кољо со тупаница го удрил овластеното службено лице - сведокот С.Т. во предел на лицето, а потоа го удрил и оштетениот А. Ј. –Началник на внатрешното обезбедување на Собранието, а потоа во повеќе наврати обвинетите Никола Митровски-Кољо, Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, Младен Додевски, Игор Југ, Вилијам Михајловски, Стефан Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Михаел Младеновски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Илија Славевски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија, Јане Ченто, Захарие Симовски за кого постапката е запрена согласно Закон за амнестија ја повикувале толпата, се качиле по скалите кои водат до холот пред Кабинетот на претседателот на Собрание, притоа обвинетиот Горанче Анѓеловски со сила се пробил низ направениот кордон од полиција, па заедно со други лица од толпата се буткале со овластени службени лица кои стоеле пред вратите на прес салата, успеале насилно да влезат во Прес салата, почнале да фрлаат столици, метални држачи за камери, монитор, дрвени палки и други предмети кои им се нашле при рака кон пратениците од веќе формираното парламентарно мнозинство и новинарите, обвинетиот Јане Ченто со нога го удрил пратеникот З. З. во пределот на стомакот, со чадор го удрил по глава пратеникот З. С., а потоа упатувал закани кон пратениците, веќе

обвинетиот Андреј Мицов и обвинетиот Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон, физички ги нападнале А. Т. тогаш приватно обезбедување на пратеникот З. З., како и овластените службени лица сведоците С. Т. и А.А., а сега осудениот М. С. со тупаници и клоци физички го нападнал оштетениот пратеник С. Б., обвинетиот Игор Југ движејќи се помеѓу обвинетиот Дејан Давидовски-Дешо сега недостапен на органите на прогон и НН лице со фантомка се насочил кон оштетениот пратеник З. З., посегнал по пиштолот кој го носел со себе, но не испукал затоа што оштетениот бил заштитен од овластеното службено лице С. Т., А. Т. тогаш приватно обезбедување на пратеникот З. З. како и од дел од пратениците, па кога обвинетиот Игор Југ видел дека во тој момент Д. Т. - новинар на „Мета“ го снима со телефон, заедно со повеќе НН лица физички го нападнале и присилно му го одзеле телефонскиот апарат, обвинетиот Мунир Пепиќ со нозете го удрил оштетениот пратеник З. С. кој лежел на подот, обвинетиот Вилјам Михајловски замавнал со тупаница да го удри, во исто време со нозе го удирил додека пратеникот З. С. лежел на подот, за тоа време обвинетиот Оливер Поповски стои на страна го гледа нападот врз З. С. не преземајки службено дејствие да го заштити, а во исто време во холот кај лифтот обвинетиот Влатко Трајковски со противпожарен апарат прскал кон пратениците, новинарите и овластените службени лица кои се движеле по скалите, па со апаратот и со тупаници го удрил и физички го нападнал оштетениот пратеник С. К., ја нападнал и удрил пратеничката Р. Ш. во холот пред прес салата, обвинетиот Игор Дурловски во холот помеѓу сала 3-прес сала и сала 4 го видел сведокот тогаш пратеник К. Д. како се симнува по скалите од галеријата на сала 3 и со зборовите „и овој е еден од нив“, по што дел од масата народ го нападна сведокот К. Д. но тој успеал да се оттргне, веќе обвинетиот Лазаревски Јованче околу 20,40 часот на првиот спрат на Собранието под работно биро во канцелариите бр.116 и бр.118 кои се меѓусебно поврзани поставил импровизирана експлозивна направа - две пиротехнички средства со компримиран бутан гас од 300 мл со ознака „Унилите“ облепени со селотејп трака, а истовремено обвинетите Оливер Радулов овластено службено лице, во тоа време обезбедување на тогашниот Директор на Управата за безбедност и контраразузнавање и Сашо Марковски овластено службено лице во Управата за безбедност и контраразузнавање, за кого постапката е раздвоена, спротивно на своите службени овластувања, со умисла помогнале во извршувањето на кривичното дело, на начин што заедно со обвинетите Горанче Анѓеловски и Оливер Поповски се упатиле кон кабинет бр.3 – соба за мониторинг и видео надзор, каде по наредба на обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви вратата им ја отворила овластеното службено лице А. К., па обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски од собата одзеле два хард диска со цел да се прикријат трагите од извршеното кривично дело и да не се откријат регистрираните дејствија од насилниот упад и насилството во Собранието, а обвинетиот Митко Чавков како Директор на Бирото за јавна безбедност и Раководител на Оперативниот Штаб со златна команда,

Митко Пешов Началник на Одделот за специјални полициски операции и обвинетиот Душко Лазаров Началник во Одделот за униформирана полиција тој ден дежурен во Оперативниот Штаб, спротивно на член 20 од Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на полициски работи, односно не издале наредби за ангажирање на полициско засилување по барањата на овластените службени лица за ангажирање дополнителни полициски сили за обезбедување и заштита на Собранието однадвор и одвнатре, иако континуирано биле известувани дека животот им е загрозен на пратениците од партиите кои формирале мнозинство во Собранието, новинарите, вработените во службите на Собранието и овластените службени лица, не ја извршиле наредбата за ангажирање на посебните и специјални единици на тогашниот Министер за внатрешни работи на РМ – сведокот А.Н., не дале одобрување и наредба за ангажирање на посебните и специјалните единици, не издале наредба за евакуација на пратениците од зградата на Собранието, овозможувајќи непречено да се вршат акти на насилство, да бидат загрозени животите на пратеници, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието на РМ, па со вака преземените усогласени и поврзани дејствија предизвикале чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните на РМ, а лицата З. С., Љ.Н. и Р. Ш. задобиле Тешки телесни повреди, а сведоците Ф. Т. Р., Д. М., П. Ш., О. С., З. З., Х. Л., а лицата О. Н., Б. Б., М. Д., М. Г., В. Д., Т. Д., Ј. А., П. К. и К. В. задобиле телесни повреди.

Горната фактичка состојба како и битните факти по однос на времето, местото и начинот на сторување на кривичното дело судот ги утврди од предложените и изведени вербални и материјални докази на одржаната главна расправа.

Сведокот Д.М. во својот исказ наведе дека е пратеник во Собранието на РМ од изборот на парламентарните избори во декември 2016-та до 31 мај 2017 година. Појасни дека воопшто не е едноставно лице кое првпат ќе влезе во Собранието на РМ од главниот влез со леснотија да се снајде, односно да знае каде се кабинетите на пратениците, Прес салата, Кабинетот на претседателот на Собрание, Пленарна сала. Наведе дека тој и денес кога оди во Собранието сеуште не може лесно да се снајде и да пронајде одредени канцеларии во Собранието, особено Прес салата 3 која е една од просториите што навистина е тешко човек што првпат влегува во Собрание да ја најде. На 27 април 2017 година кога давале изјави З. З. и новоизбраниот Претседател на Собранието на РМ тој се наоѓал во Прес салата 3 заедно со нив. Во оваа сала имало монитори и тие биле цело време вклучени. На мониторите оделе снимки од некои од телевизиите каде што се вршел најпрвин пренос во живо на самата прес

конференција, а подоцна новинарски извештаи, повторно пренос во живо од настаните, односно собраните граѓани пред Собранието, така што тие можеле преку мониторите да гледаат што всушност фактички се случувало пред Собранието. Имено, наведе дека откако завршила прес конференцијата во одреден момент виделе дека дел од групата на луѓе се упатила кон Собранието, лесно ја прескокнала заштитната ограда без од никого да бидат одбиени, да бидат спречени и стигнале до влезната врата на Собранието, каде што исто така после многу кратко време без некакви потешкотии виделе како луѓето влегле во зградата на Собранието. Откога го видел тоа, излегол однадвор од Прес салата за да види што се случува, таму биле дел од другите пратеници, бил дел од обезбедувањето на З. З. и на О. С., биле и дел од новинарите. Многу брзо откако излегол почнало да се слуша звук на кршење на стакло и други звуци што доаѓале од долниот спрат, а слушнале и чекори дека некој се качува по скалите. Во тој момент имало сеуште претставници од собраниското обезбедување, а до него бил еден од припадниците на собраниското обезбедување, мисли дека бил раководител, но не знае каква му била функцијата, шефот на собраниското обезбедување кој што можел да го слушне како се обидува да некого од службите добие по телефон, но неговиот коментар бил „оставени сме сами, не можам никого да добијам". Веднаш потоа многу кратко веќе почнале да се појавуваат и првите од групата луѓе што влегле во Собранието и веќе ги видел преку скршените врати како влегле во ходникот во кој што се наоѓале и тие, при што нагласи дека масата со зачудувачка брзина успела, да пробие полициски кордон, да влезе во Собрание и со голема брзина да стаса до нив. Првите луѓе што влегле биле со фантомки на главите по што тој се вратил назад во салата. Надвор останал дел од обезбедувањето на З. З. и на О. С., но не е сигурен, можеби и некој од новинарите останал надвор, меѓутоа не може да тврди. Наведе дека откако се вратил во салата, ја затвориле вратата, а луѓето од обезбедувањето кои што останале надвор можеле да слушнат дека биле поставени веднаш пред самата врата, неколку од нив и од пратениците што биле и новинарите во салата исто така се обидувале да спречат било кој од надвор да ја отвори вратата. Поради тоа што имало значителна група на пратеници и горе на галеријата во Прес салата, а можеле да слушнат дека биле дојдени од групата која што влегла и пред самата врата на галеријата, се организирале за да местат бироа за да можат барем дел од луѓето што биле горе да се симнат во долниот дел на салата затоа што се плашеле дека можат да бидат повредени, некој да падне преку балконот и слично. Наредиле три бироа, при што почнале еден по еден од луѓето со предност на дамите пратенички да се симнуваат преку бироата. Неколку од нив успеале, се до моментот кога веќе почнало да се слуша од пред вратата дека има и викотници, а и удари се слушале, повици да се влегува итн., при што во одреден момент веќе обезбедувањето не можело да ги задржи луѓето, вратите се отвориле и тие влегле. Кога влегла масата народ внатре, поголема група на луѓе се упатила кон нив сите и почнала да мава,

и тоа со раце, тупаници, боксови. Тој бил повреден со бокс, при што наведе дека таму имало голем број на други предмети како на пример најчесто користените сталаци за камери кои што ги користеле за да маваат по нив, делови од мебел, компјутерски тастатури, монитори, се што можеле да најдат во просторијата како и со дршки, стапови од знамиња кои што ги носеле со себе. Наведе дека од лицата кои што влегле внатре, видел лице со оружје. Тоа лице носело црна маица со ознаки на ХОС, било без коса на главата и со брада, мисли. Оружјето му било во задниот дел на панталоните, под маицата. Кога го забележал тоа лице дека носи оружје, неговата положба во однос на сите луѓе, па и на тоа лице често се менувала во текот на движењето, имало движење напред, назад, насекаде луѓето се движеле, трчале лево, десно им приоѓале. Тој во првиот момент кога луѓето влегле во салата се наоѓал гледајќи од влезот во десната страна на салата така што луѓето кои што се упатиле кон З. З. останатата група кои што биле во средината на салата, фактички поминувале пред него и тоа било само првата ситуација каде што можел да види. Дополнително понатаму откако се приближил и тој и се приближил кон групата каде што бил З. З. и обезбедувањето, веќе тука веројатно во следните два часа многу често луѓето се вртеле, ја менувале својата позиција во многу наврати, можеле да видат што и да било во салата. По однос на лицето кое видел дека носи оружје наведе дека во неколку наврати кога имал шанса, кога ќе бил така поставен, можел да види дека лицето посегнува по задниот дел од панталоните и во тој момент во рацете држи она што го видел, оружјето, значи никогаш не го извадил целосно, но се гледало, посегнувал од време на време со раката кон тоа. Постојано, за цело време додека траеле настаните добивале закани дека ќе бидат убиени што само него барем лично му ги потврдувало намерите на групата. Можел да забележи дека тоа лице не било толку активно како другите, не викало, не скандирало и некако било фокусирано со погледот цело време кон З. З., а тоа можел да го запримети затоа што навистина бил многу помирен од сите други во салата. Тоа лице влегло заедно со групата и било опкружено со група кои што на себе носеле фантомки. Видливо било во текот на целиот настан дека околу тоа лице се движеле секогаш барем некое од лицата со фантомки. Притоа, наведе дека во целата гужва што се случувала таму, откако веќе видел дека барем некој носи оружје имал впечаток дека и други лица носат оружје, но не може да посочи конкретно. Во текот на настаните цело време им се заканувале дека ќе ги убијат, дека се предавници, дека ќе ја уништиле државата, а тој лично добил закана и врз животот на неговите деца. Истакна дека биле удирани со разни предмети, со чадор, кој што не го спомнал во почетокот, кој што го откупил за 1.000 денари од лицето кое што го мавало. Наведе дека масата народ која влегла внатре во Собранието според негово мислење апсолутно не влегла случајно, најпрвин никој не можел така лесно да пробие полициски кордон, она што требало да биде заклучена врата во Собранието, собраниско обезбедување и особено она што го спомнал и на почетокот и така лесно

веднаш да ја најде Прес салата. Тоа што можеле да го видат и од мониторите било дека пред Собранието имало група на луѓе, но според нив апсолутно не би било можно доколку функционирал системот за обезбедување, таа група на луѓе немала во никој случај да има можност, не биле доволно за да влезат во Собранието. Истакна дека се задобил со повреди, веднаш откако групата влегла во салата дел од нив се упатиле кон него, замавнале најпрвин со раце, добил еден удар со бокс во пределот на носот, по што веднаш почнало да му тече крв, а подоцна се испоставило дека носот му бил скршен. Во текот на сите останати, два и повеќе од два часа, постојано бил маван со шамари, држачи за камери по нозе, со стапови, чадорот од 1.000 денари, како и со обиди, значи имало обиди со дел од скршените стапови кои се скршиле од мавање да ги прободат помеѓу членовите на обезбедувањето. Во одреден момент откако толпата мислела дека З. С. не е веќе жив се свртеле кон нив и упатиле јавни повици дека следен е З., откако ја прославиле смртта на З. С. и почнале со каблите за компјутерите и разната опрема што се наоѓале во салата да прават јажиња за да ги бесат и замавнувале и фрлале кон нив со цел да се обидат да ги извлечат од позади обезбедувањето. Исто така, во текот на целиот настан постојано долетувале предмети кон нив фрлени од страна на толпата така што цело време и тој и другите добивале удари во главата. Наведе дека никој од собраниското обезбедување не се понудил да ги однесе на некое побезбедно место. После сите тие задобиени удари и закани се чувствувал згрозен од тоа какви луѓе има, особено откако ги слушнал директните закани со неговите деца каде што многу експлицитно му порачале што ќе им прават, дека ќе ги убијат и дека телата ќе ги влечат. Истакна дека критичниот ден на 27-ми април 2017 година  бил на работно место бидејќи се одржувала конститутивната седница на Собранието на РМ, а во моментот на нападот се наоѓал пред и во Прес салата, како што кажал и претходно и тврди дека цело време бил маван и тепан со чадори, сталаци, шамари итн. Наведе дека внатре во Прес салата во текот на нападот, во еден момент еден од членовите на обезбедувањето на О.С. употребил оружје и испукал во воздух. Појасни дека во тие моменти кога масата се обидувала да ги прободи со остатоци од предмети немало претставници од собраниското обезбедување, за жал вкупното обезбедување тоа значи обезбедувањето на З. З. и О. С. не биле во доволен број за да во континуитет пред секој од нив има некој од обезбедувањето помеѓу нив и масата и затоа во различни периоди од времето биле удирани едни и други луѓе. Во моменотот кога се обидувале да го прободат него, пред него немало претставници од собраниското обезбедување, туку од останатите. По однос на тоа дали во текот на траењето на целиот настан на повеќе од два часа во сала 3, Прес сала на Собранитето, во одредени моменти некој од собраниското обезбедување стоел пред нив, појасни дека тоа било прекасно и во ситуациите кога не било опасно. Во ниеден момент не им било понудено никакво евакуирање се до крајот на настаните кога специјалната полиција после повеќе од 2 часа ги извадила од Собранието, од просторијата, но

реакцијата била целосно задоцнета. Смета дека доколку обезбедувањето, односно полицијата околу Собранието, интервенирала дека масата немала да може така лесно да влезе во Собранието и исто така смета дека луѓето од собраниското обезбедување кои што биле присутни во одредени делови на настанот, биле оставени самите на себе. По однос на тоа дали изборот на Претседателот била завршена, помината работа наведе дека Т. Џ. и денес е Претседател на Собранието, точно кога биле објавени актите за неговиот избор и објавата во Службен весник согласно прописите на Собранието, не знае кога точно биле направени. Потврди дека во врска со овој настан дал исказ во обвинителството, истиот го дал пред повеќе од една година, не може се да памти, а при давањето на тој исказ му биле покажани фотографии по кои се произнел за лицето кое му нанело повреда на носот, му нанел други удари и го откупил чадорот.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што неговиот исказ е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите изведени докази. Истиот даде хронолошки опис на настаните за тоа што всушност се случувало, а посебно во Прес салата. Во својот исказ јасно посочи со какви предмети биле удирани пратениците, а тоа биле сталаци од камери, стапови, но биле удирани и со боксови и шамари. Меѓу останатото тој нагласи дека реакцијата од полицијата била закаснета, а тоа всушност произлезе и од останатите изведени докази. Толпата народ не само што ги тепала туку и им се заканувала, со тоа што биле упатувани закани и према нивните деца. Овој сведок меѓу останатото зборува и за лице кое носело црна маица со ознаки на ХОС, било без коса на главата и со брада и носел оружје кое му било во задниот дел на панталоните, под маицата. Ова лице во неколку наврати кога имал шанса, кога ќе бил така поставен, можел да види дека лицето посегнува по задниот дел од панталоните и во тој момент во рацете држи она што го видел, оружјето, значи никогаш не го извадил целосно, но се гледало, посегнувал од време на време со раката кон тоа. Воедно истакна дека ова лице не било толку активно како другите, не викало, не скандирало и некако било фокусирано со погледот цело време кон З. З.. Сведокот нагласи дека движењето низ Собранието воопшто не е лесно, а посебно за лица кои прв пат се наоѓаат во внатрешноста на Собранието.

Сведокот И. Н. во својот исказ наведе дека на 27-ми април 2017 година пред да почне конференцијата сите биле во пленарната сала, а кога ги повикале за прес конференција се упатиле према Прес центарот. Тој никогаш дотогаш не бил во Прес центарот, а со оглед на тоа дека немало место сите да влезат во Прес центарот, предложиле еден дел од пратениците да се качат горе на галеријата меѓу кои бил и тој. Наведе дека доколку некој бил сам многу тешко ќе можел да ја најде салата за одржување на прес конференцијата, особено после реконструкцијата на Собранието на многу од пратениците кои добиле канцеларии во новиот дел им требало три дена да научат каде им била канцеларијата, поконкретно во тие простории тој не бил претходно така да тешко ќе му

било да ги пронајде ако не ги следел постарите пратеници. Од галеријата, со оглед да имало монитори можеле да пратат што се случувало пред Собранието и околу Собранието, а истовремено гледале се што се случувало и во Прес центарот затоа што единствено ТВ Нова директно пренесувала се што се случувало во Прес центарот како и во Пленарната сала. Виделе дека полека и со поголем интензитет почнале да се собираат луѓе пред Собранието и да се групираат према главната врата на Собранието и дека се обидувале да влезат во Собранието. Со оглед на тоа дека ги знаел физичките безбедносни мерки, лично не верувал дека ќе успеат да влезат во Собранието, но многу брзо се видело дека масовно почнале да влегуваат во Собранието. Тоа го навело на заклучок дека сигурно ќе има саботажа, односно дека имало внатрешни соработници кои им овозможиле да влезат така лесно во Собранието и веќе гледале како доаѓале и се разидувале од главниот хол и еден дел веќе навалил према Прес центарот каде влегле околу 50-60 луѓе. Појасни дека биле поставени неколку бироа со цел да слезат од галеријата, при што прва скокнала пратеничката М., после неа скокнала Ш., па М., потоа М. С. која за малку ќе паднела, после неа К. била на ред да се симне, но не успеала, а сите кои гледале телевизија и цела Европа можеле да видат како таа мавта со нозете. Наведе дека од масата народ што влегла, еден дел биле маскирани со качулки на главите, еден дел немаскирани биле во бермуди, односно кратки панталони, многу од нив спортски облечени, така да сите биле различно облечени, а карактеристично било тоа што оние што биле маскирани тие воглавно во почетокот не дејствувале активно, него само покажувале, фактички ги наведувале луѓето како да дејствуваат и на почетокот не видел од тие што биле со качулки дека некој фрлил некој предмет. Пратениците биле нападнати со се што имало од предмети во Прес центарот, поконкретно најмногу биле нападнати со стативите од камерите на новинарите, им ги зеле стативите на новинарите и почнале да млатат со стативите, понатаму со држачи од фотељите, со топките што биле, имало гаѓање со монитори, со други зборови мавале со се што ќе им дошло при рака. Во меѓувреме видел дека на Премиерот З. му течело крв од лицето, видел дека и О. С. бил веќе крвав и веќе не се знаело кој по кого удира. Во тоа време пратеничките, жените кои биле горе почнале да се засолнуваат во двете кабини кои биле горе на галеријата во просторот за преведување, се со цел да се забарикадираат внатре, да ги заклучат кабините ако било можно и да се спасат зашто веќе толпата навалила на вратата да влегува горе кај нив. Нивното внимание било како да се спасат, а не веќе да гледаат долу што се случува. Тој не сакал да влезе и да лежи во кабина, останал меѓувремено горе и кога видел само тој и Ф. М. биле горе, другите веќе ги немало. Ф. му предложил да одат во ходникот и всушност сега знае каде одел, но тогаш немал претстава каде оди. Одејќи по тој ходник дошле во друга галерија која била спротивна на Прес центарот, односно сала бр.4. Таму веќе ги нашле пратениците Т. и Ж. Л.. Ф. М. лежел на земја, до него Т. згрчено и Ж. Л. и таа била приземјена, а тој седнал на една столица, фактички тие лежеле доле, а тој седел на

столица наслонет на зидот. Појасни дека во меѓувреме една голема толпа на луѓе влегла во сала бр.4, влегле и викале, викале едноставно како да биле дрогирани, почнале да се качуваат по бироата, по столиците, да фрлаат предмети нагоре, на кај нив. Разговарале по телефони и слушнал дека викале „ние сме во С. во Собранието“ што значи дека не биле скопјани. Слушнал, но не бил сигурен дали била Д. М. или некоја друга новинарка, но неа ја малтретирале, мисли дека и некои пари и зеле, таа плачела, молела да ја пуштат, меѓутоа имало големо малтретирање. Во меѓувреме влетала првата група од тројца кај нив, значи ги пронашле, меѓу нив бил И. М., потполковник во пензија, врска, меѓутоа не служел во АРМ туку во ЈНА, во рацете држел еден носач или држач од знаме и насрнал на него, му рекол „еве те пронајдовме, сега нема да те спаси ни А., ни С., ни Б. ќе видиш што ќе те снајде“, тоа асоцирало на тоа дека тој имал работено во тие три земји порано како воено дипломатски претставник, но не го удрил, другите двајца не ги познавал, а во меѓувреме групата излегла, после што тој на друштвото му рекол „сите ќе се подготвите оти ќе бидеме тепани, ќе бидеме тоа сигурно“. После тоа влегол некој маскиран, тетовиран во бермуди, носел качулка, имал бермуди од фармерки, мисли дека била плава маица и бил тетовиран, дошол над него, претел, малку го провоцирал, но не го допрел. После нив влегла друга група од тројца, четворица така, еден од нив му рекол „биди среќен што те познавам 40 години имаме работено заедно иначе ќе видиш што ќе те снајде“. Тој да ја смири ситуацијата почнал да разговара со тие кои влегувале, при што биле навредувани велејќи им „вие сте предавници, ја предадовте државата, ја дадовте на шиптарите“ итн. Меѓувремено влетала некоја жена која почнала да се дере и вика, па го прашала дали ја познава и откако и кажал дека не ја познава таа му рекла дека е првата претседателка на форумот на жени на ВМРО, а воедно кажала дека нејзините деца биле специјалци во тигрите и дека најверојатно децата и биле таму и истата дошла најмногу поради своите деца за да не им се случело нешто. Наведе дека истата таа жена вртела на телефон и му кажала дека му врти на Чавков, но тој не и се јавувал. Очекувал дека некој може и да го запали Собранието како се одвивале работите, а цело време мислел дали З. е жив со оглед на тоа како се одвивале работите, а имено толпата народ што била доле почнале да слават, почнале да викаат „Села е мртов, а сега е на ред З. да го докрајчиме“. Се до извлекувањето тие мислеле дека С. е мртов, после дознале дека бил извлечен и дека бил во тешка животна опасност, меѓутоа дека бил жив. Наведе дека лично тој физички не бил нападнат ниту повреден, но бил омаловажуван, пцуен, но никој не го допрел, а во меѓувреме слушнале долу дека толпата која била во четворка некој довикнал „горе е генералот од шарената револуција кој ја гаѓаше канцеларијата на Претседателот“. Појасни дека точно е дека бил во Шарената револуција, но не гаѓал. Понатаму, многу брзо некој довикнал од таа толпа „Генералот да не го дираме“ и тој на друштвото им рекол дека е добро што го знаат, може само како колатерална штета да настрадаат меѓутоа лично нема да ги тепаат. Во меѓувреме учествувала нова група,

значи тие се менувале, едни влегувале, едни излегувале. Еден од тие му рекол на Ф. М. да биде среќен што го знае, инаку немал претстава што може да го снајде. Потоа М. колабирал, тоа бил процес од два саати, влетал некој дечко и им рекол да не се секираат тој е нивни и ги прашал што им треба, после што донел некоја флаша со вода, малку го оладиле М. да се поврати и чекале исход на ситуацијата. Некаде околу 9 часот слушнале некои истрели и тоа му било сигнал дека полицијата конечно реагирала и дека веќе немало да имаат проблеми. Наведе дека освен лицето М. И. видел и други познати меѓу масата која влегла внатре во Собранието, а меѓу нив била и Д. Р., чистачка во зградата каде што тој живеел, за негово запрепрестување меѓу првите влегла внатре, облечена во зелени панталони, зелена маица и видел дека таа фрла со некои предмети, не знае дали тоа биле делови од фотељите, а меѓувремено дознал за некои воени лица кои влегувале и од видео снимките и од разговорите со колегите, сакал тоа што го видел да го потврди, двајца професори Т. и И. од Воената академија, М. И. кој работел во инспекција во одбрана, К. војник кој требал да оди во мировна мисија, С.Т. инжинер во воздухопловната бригада и А. К. државен службеник во Министерството за одбрана. Нагласи дека за целото тоа време од кога влегла масата народ внатре во Собранието многу непријатно се чувствувал, кажал дека имал чувство и осет дека ќе се случело сценариото со Ѓ., дека таргет биле З., Ш., С. можеби и некој друг, а не Николовски и тоа не затоа што го познавале, не добил заклучок дека бил таргет, многу непријатно без оглед на неговото искуство од 2001-ва итн, кога се јавувале колеги и пуштале пораки, а тој не можел да одговори дали е жив, добар, повреден и најтешко му паднало кога син му неколку пати патувајќи од В. према Б. со воз прво телефонирал, тој не сакал да му одговори, тоа му паднало најтешко и му дошло да заплаче и кога се завршило тоа и кога го прашале кој сака да оди на разговор со психијатар, еден од тие бил и тој. Појасни дека кога ги прателе настаните во Прес сала 3 од галеријата не броел колку пратеници биле, меѓутоа меѓу 10 и 15, повеќе не и тие тргнале долу да одат во Прес центарот, но немало каде да се соберат и затоа се вратиле назад. Тој не бил во првиот, ниту во третиот ред од галеријата туку бил во вториот ред помеѓу тие 10-15 пратеници, имал ташна и ташната му ја украле, поточно кога ташната сакал да ја земе истата ја немало и при изјавата кај јавниот обвинител неговата ташна сеуште ја немало, а после тоа В. Ѓ. еден ден го повикал и му рекол дека има една ташна, па го прашал дали е негова. Како се нашла ташната кај В. Ѓ. не знае бидејќи другиот ден оделе тој меѓу првите, да видат што било останато таму, ташната ја немало, влегле во Пленарната сала, тоа било ршум, после дошла Крим. полиција, ја запечатиле, меѓутоа тој веќе имал поминато таму.

Исказот на овој сведок е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите изведени докази, заради што судот му поклони верба. Притоа судот ценеше дека сведокот опишувајќи ги хронолошки настаните даде јасна слика што всушност се случувало во Прес салата и на галеријата.

Воедно појасни кој всушност бил таргет на толпата народ која била влезена во Собранието, а тоа биле З.З., Р. Ш., С., а можеби и некој друг. Сведокот наведе со какви предмети биле напаѓани пратениците, а имено се работи за стативите од камерите на новинарите, држачи од фотељите, со топките, имало гаѓање со монитори, или како што се изјасни сведокот мавале со се што ќе им дошло при рака. Меѓу останатото сведокот јасно посочи дека многу тешко може да се најде салата за одржување на прес конференцијата, особено после реконструкцијата на Собранието на многу од пратениците им било тешко да си ги најдат своите канцеларии. Со оглед на се она што се случувало истиот побарал помош и од психијатар.

Сведокот Ф. Т. Р. во својот исказ наведе дека е пратеник со верификација на мандатот на седница на 31 декември 2016 година. На 27 април 2017 година била во Собранието. По завршувањето на седницата имало прес конференција на Премиерот З.З. во Прес центарот на Собранието на РМ заедно со Претседателот на Собранието Т. Џ.. Во тој момент со група на пратеници таа била на галеријата во сала 3 во Прес центарот и ја следеле прес конференцијата, а од местото каде што се наоѓале во галеријата можеле да следат што се случувало во сала 3, односно во Прес салата, во најголем дел од времето. Имено, кога завршила прес конференцијата на мониторот од левата страна во Прес салата, одел директен пренос на ТВ Нова што емитувал снимка од пред Собранието на РМ. Од тие снимки забележала дека голема маса на луѓе тргнува на кај главниот влез на Собранието и се обидува да влезе. Додека течеле тие снимки од пред Собранието на РМ, во Прес центарот дел од пратениците знаејќи дека настанува влез во Собранието се обидувале да се симнат од галеријата во основата на Прес центарот со помош на маси кои што биле ставени од основата на Прес центарот. Дел од нејзините колешки се симнале, дел од пратениците заминале, дел од нив останале на галеријата. Она што било исто така забележително барем од нејзина страна било дека една од камерите на ТВ Нова била директно насочена кон галеријата и го снимала симнувањето на пратеничките од галеријата, односно се емитувал директен пренос, па смета дека со тоа имало директно насочување на сите оние кои што влегле во Прес центарот. За неполни 15 минути влегла голема маса на луѓе, во првиот налет најголем дел биле возрасни луѓе, над 55 години кои што буквално мавале со се што ќе им дојдело при рака, тоа биле столици, сталаци од камери, опрема од прес галеријата, кабли, продолжни кабли, држачи за знамиња, буквално се што било на дофат на рака. Во тој момент тие биле во кабината, не сите, три колешки биле во кабината, една колешка седела, многу видно вознемирена, секако сите биле вознемирени, меѓутоа таа била многу вознемирена, таа и нејзиниот колега П. Б. биле буквално на галеријата, на оградата и набљудувале што се случува. Ги набљудувале сите сцени кои што се однесувале на директниот напад на групата пратеници чија цел била З. З. до моментот додека не биле здогледани одоздола во галеријата, дел од присутните доле ги посочиле со прст извикувајќи „ене го шарениот и Ременска, одиме по нив“ и дошле на галеријата. Во тој момент бидејќи биле во многу тесен

простор П. Б. тргнал кон вратата да ја затвори од галеријата, немало никој во галеријата освен тие, го повлекла за маица и му рекла дека во толпа не се тепа, да не возвраќа, се што треба ќе издржат. Тогаш наишла толпата кон нив, дел од нив го влечеле П. Б. посочувајќи ги двете пратенички кои што биле во кабината, тоа биле нејзините колешки од ДУИ М. и Ш., Ѓ. К., М. Л., Б. К., П. Б. и таа. Додека го удирале и извикувале секакви навредувачки зборови а ги истакна сите оние кои што биле закана по живот „ќе ве убиеме", „ќе ве нема". Еден од повозрасните напаѓачи кој што за жал не го гледа меѓу обвинетите во неколку наврати ја клоцал по нозете и во пределот на стомакот бидејќи цел на напаѓачите била да ги извлечат пратеничките кои што биле позади нив, извикувајќи „шиптарки", „ќе ве убиеме", тие биле буквално заштитата позади зашто тоа бил многу тесен простор за влез во кабината. Во еден момент стариот господин ја удрил по стомак со нога, со клоца многу силно, се превиткала, еден од присутните во близина кој што не бил насилен туку пуштил рака да спречи иден удар ја прашал што е, да не е трудна, а таа рекла „да, трудна сум", свесно излажала знаејќи дека можеби тоа ќе ги спречи идните насилства на галеријата и така и се случило. Подоцна во масата на луѓето што биле во галеријата дошол господинот А. Ф. со уште едно лице кое што не го познавала и им забранил да бидат близу нив, оставиле двајца да ги чуваат. Во тој интервал се случувале многу работи бидејќи имале преглед од галеријата доле, најголем дел од насилни акти, овации, скандирања, навреди, закани, ги слушнале сите. Во еден момент тој период траел скоро полни два часа и неполни пет минути бидејќи времето на влез во Прес центарот го имало точно времето и фотографија од влезот до интервенција на полицијата било точно 2 часа и неполни 5 минути. Во еден момент имало многу голема гужва долу во Прес центарот при што наведе дека биле познати сликите на сите кои што биле повредени, се почувствувало дека има некаков налет за некаков напад и многу гласно викање и скандирање. Истакна дека нејзиниот колега П.Б. бил на стаклото на кабината што е малку издадена над галеријата и гледа кон Прес центарот и се пружил да види што се случува доле. Во тој момент се пружила да го симне имајќи во предвид дека се мавало со се и сешто и стравувала дека некој стол може да го скрши стаклото од кабината и да бидат повредени пратениците. Во моментот на нејзиното пуштање кон колегата слушнала истрел од пиштол. Еден од лицата кој што бил присутен таму и ги чувал, кажал „сега ќе се смири, тој што требаше да отиде, отиде, го убивме С.". Многу малку потоа се влегло со шок бомби, со многу неубави услови за дишење, без видно поле и полицајците ги извлекле во помошна просторија пред евакуација. Истакна дека не е лесно да има соодветно ориентација за просториите во Собранието на РМ лице кое првпат влегува, особено Прес центарот не е лесен за наоѓање бидејќи има два прилода и се наоѓа на меѓу кат, меѓу приземје и меѓу прв кат. Едниот излез, едниот влез - излез излегува во ходник на прв кат близу главниот влез од холот на Собранието кон кабинетот на Претседателот, а другиот влез - излез преку скали е од ходникот сала „М.", главната,

Пленарната сала.  Во својот исказ истакна дека имало лица со фантомки во Прес центарот и тоа ротирале, дел излегувале, влегувале, некои од тие лица кои ги видела во Прес центарот ги забележала подоцна дека биле во Пленарната сала. Конкретно за едно лице наведе дека може да каже опис, но за сите не може, лицето било во фармерски бермуди и патики, со светло сиво лила блуза, маица на кратки ракави, со фантомка, крупна големина, висок, развиен маж и лице со бермуди фармерски, бела маица со некои детали на самата маица. Дел од лицата кои што ги забележала во Прес центарот подоцна ги гледала и на некои од фотографиите кои што се емитувале во медиумите, но дел од нив не биле во фантомки, меѓутоа по облеката можеле да се препознаат дека биле без фантомки пред влез. Наведе дека имиња не можела да посочи бидејќи не ги познавала. Во поглед на извикувањата, скандирањата на толпата народ која влегла во Прес салата, а подоцна и во галријата наведе дека едните закани биле кон неа лично за време на нападот, меѓутоа бидејќи била присутна во Прес центарот, за што и претходно кажала, најголем дел од скандирањата од извикувањата биле „предавници“, „ќе ве убиеме“, „готово е со вас“, а секако имало и скандирања кои што биле класично бодрење на оние кои што вршеле директен атак врз пратениците кои што биле во аголот на Прес центарот. Притоа појасни дека под скандирање подразбира единечно извикување на иста парола, а под индивидуално извикување имало многу индивидуални различни закани упатени кон поединци и кон група. Во еден момент слушнала  „убиј те го“, имало и такви скандирања, значи тоа било скандирање, а индивидуално имало, тоа било често и било извикувано од скоро сите присутни во Прес центарот „шиптари“, „предавници“, „ја продадовте М.“, тоа биле најголем дел од скандиранињата и најчесто извикуваните зборови.  Истакна дека дел од лицата со фантомки скандирале, дел од нив кружеле околу одредени лица кои што биле во првата линија пред пратениците и имала впечаток дека дел од нив комуницирале и преку одредени уреди под фантомките. Лицата кои што ги забележала со фантомки во галеријата биле сконцентрирани во средината на Прес салата, т.е. близу аголот во кој што биле поставени пратениците, а еден од нив бил приближно блиску до десниот ѕид каде мисли дека имало звучници и маси од самиот Прес центар. Тоа бил оној видик кој што и давал јасна слика да забележи кој каде се наоѓа. Притоа појасни дека во предниот план на аголот каде што стоеле пратениците се наоѓал премиерот З. З., а од десната страна покрај ѕидот стоел пратеникот З. С., Р. И. и Т. Џ. скроз во аголот. Истакна дека од галеријата до моментот на качување на дел од групата на галеријата ги виделе сите напади и повреди кон пратениците кои што ги добиле во првиот налет на влез во Прес центарот, З. З., О. С., Д. М., А. К., Љ. Н., Г. М., Д. В., Р. И., Т. Џ., З. С., сите оние кои што биле во аголот. До пред качувањето на галеријата се мавало буквално во аголот со се и сешто, со држачи за знамиња, со сталаци, со столови, го виделе и оној вториот удар со столица кон З. З. и токму во тој момент ги забележале и се упатиле горе. Периодот додека биле нападнати горе, директни повреди имале таа и нејзиниот колега П.

Б. Ф., но наведе дека секако не ги исклучува сите останати трауми кои што можат да се подведат на останатите. Потоа, имале преглед на Прес центарот долу и во еден момент забележале и буквално ловење на пратениците со јамки направени од кабли за струја и нивно извлекување надвор. Возрасните лица кои што биле присутни во Прес центарот биле постојано во напад, биле видливи повредите на сите кои што биле во аголот, изнемоштеноста секако и оној момент на кулминација на скандирањето и нападот кој што навестувал и добила чувство дека нешто лошо, многу насилно се случува, кога го повлекла П. Б. се слушнал истрел во воздух. Подоцна, откако се испукал куршумот, дознале дека С. тогаш бил најлошо нападнат, иако таа во тој агол не можела да види со сигурност кој, како и на кој начин го нападнал. Наведе дека во моментот кога толпата влегува во Собрание немало помош од собраниското обезбедување, тоа не било присутно во Прес центарот, од снимките после видела дека имало неколку лица кои што ги препознава како обезбедување во Собранието пред Прес центарот, но не и во Прес центарот и наведе дека не добиле помош од собраниското обезбедување. Истакна дека полицијата интервенирала после 21:00 часот, нешто бргу после истрелот и шок бомбите кои што следеле, односно 21:20 часот. Во поглед на она што чувствувала за целото време на настанот наведе дека ако зборува за личните чувства, ќе каже дека и ден денеска ги евоцира, па дури и додека сведочи за настанот бидејќи тоа можеби бил и првиот настан во нејзиниот живот кај што добила буквално тет а тет закана за убиство, закана по живот, дополнително што целокупната атмосфера која што владеела во Собранието и во Прес центарот не давала чувство за некаква стабилизација или за еден извесен позитивен исход од целокупната таа насилна ситуација во која што се нашле сите, дополнително што тоа биле часови на една психичка и физичка тортура која што ја преживел секој од нив, зборува лично за неа пред се и секако тоа било непријатно чувство кога под директна закана ви зависи животот од лица кои што влегле во Собрание, на вашето работно место. Истакна дека ниедно лице кое насилно се однесувало кон неа на 27.04.2017 година во просториите на Собрание не се наоѓа во оваа судница.

Од исказот на овој сведок јасно произлезе што се се случувало во Собранието на 27.04.2017 година, а пред се во Прес салата со оглед да сведокот на многу јасен, недвосмислен и непоколеблив начин зборува за овие настани, а воедно исказот е во склад со останатите докази, па судот поклони верба на исказот на сведокот. Сведокот точно посочи со кои предмети биле напаѓани пратениците, буквално мавале со се што ќе им дојдело при рака, тоа биле столици, сталаци од камери, опрема од прес галеријата, кабли, продолжни кабли, држачи за знамиња, буквално се што било на дофат на рака. Објасни на кој начин тоа било правено, со посебен осврт што всушност се случувало и на галеријата. Нагласи дека не добиле помош од собраниското обезбедување. Воедно и овој сведок нагласи дека не е едноставно движењето во внатрешноста на Собранието, посебно кога прв пат се влегува во него, а особено не е лесно да се најде Прес

центарот со оглед дека има два приода и се наоѓа на меѓу кат. Зборува не само за физичките повреди, туку и за заканите по живот упатени кон неа и останатите пратеници, за навредите, но зборува и за психичката тортура, за нејзините чувства и сите непријатни чувства, а сето ова се случувало на нејзиното работно место.

Во својот исказ сведокот П.Б. наведе дека станал пратеник во Собранието на РМ на 30-ти декември 2016 година и дека од почетокот ни најмалку не се снаоѓал внатре во Собранието да најде некоја просторија, а на 27–ми април прв пат бил присутен во Собранието каде што се просториите на Прес центарот и сала број 4 каде се одржуваат комисиски расправи, па доколку одел сам кон овие простории нема да можел лесно да се снајде дури и можел да се изгуби по ходниците ако првпат бил оставен сам да се движи по ходниците на објектот. Појасни дека од моментот кога излегле од Пленарната сала нивната пратеничка група и најголемиот дел од пратениците на нивниот коалициски партнер ДУИ се упатиле кон Прес центарот заедно. Во моментот кога пристигнале пред главната врата на Прес центарот и бидејќи забележале дека има и голем број на присутни новинари, сватиле дека нема да е возможно сите да ги собере внатре и дел од нив се упатиле кон балконот на Прес центарот кој иако е дел од истата просторија имал засебен влез, а во долниот дел на Прес центарот останале Господинот З., Господин Џ., неколку пратеници, пратенички и новинарите. Наведе дека според негова слободна проценка Прес салата е просторија од 70 до 100 метри квадратни, а балконскиот дел е далеку помал и не верува дека е повеќе од 30 метри квадратни. Од горе од галеријата можел директно да гледа и да следи што се случува во Прес салата, а уште повеќе поставеноста на галеријата е таква да од таму може да се гледа и тоа што се прикажува на телевизорите поставени до просторот за давање изјави за печат, каде што одел пренос во живо од програмата на ТВ Нова, а и од снимка од дрон можело директно да се види што се случувало непосредно пред Собранието, односно положбата на поставеноста на галеријата му овозможила да следи што се случува внатре и што се случува надвор. Истакна дека набрзо по завршувањето на изјавите за печат од страна на Премиерот З. З. и Претседателот на Собранието Т. Џ. забележал како присутните надвор, пред Собранитето, според него со неразбирлива леснотија ја поминале механичката заштита пред самиот Парламент. Во тој момент се уште не се чувствувал загрозено бидејќи знаел дека зградата на Собранието располага со безбедносни механизми на физичка заштита кои се соодветни за да спречат било каков обид за насилен влез и упад внатре во објектот. Појасни дека поставеноста на дронот на ТВ Нова чиј што пренос го гледал директно во Собранието, било такво да кадарот бил поставен директно пред вратата. Иако кадарот оддавал впечаток дека бројноста на луѓето пред Собранието е поголема отколку што реално била, сепак во тој момент тие од внатре не можеле да го знааат тоа и во еден момент забележал како вратите од Собранието кои би требало да бидат заштитени, едноставно се отвориле и толпата започнала хаотично да влегува внатре. Имајќи ја во предвид

бројноста на луѓето кои ги видел во кадарот, бројноста на службата за обезбедување внатре во Собранието и тоа што него му изгледало како неефективна реакција на полицијата, бидејќи се дозволило групата на луѓе да се приближи до самото Собрание, па и да влезе внатре, заклучил дека државните служби нема да бидат во состојба ефективно да се справат со заканата и да ја обезбедат и гарантираат нивната безбедност и во тој момент се почувствувал загрозен. Сведокот наведе дека сакал да потенцира дека напаѓачите во различно време влегле во долниот дел на Прес салата и во различно време во горниот дел од Прес салата. Откако станало очигледно дека групата влегла во Собранието, проценил дека не е безбедно нивната група да биде поделена и започнал да организира процес на спојување на двете групи преку редење на две бироа едно врз друго во главниот простор на Прес салата и помагање на колегите и колешките да се симнат од балконскиот дел во главниот дел на Прес салата каде што нивната група би била обединета. Одлучил да не ја користи вратата бидејќи само неколку минути можеби дури и помалку од две минути откако толпата влегла во Собранието започнале да се слушаат крици и неартикулирани извици од другата страна на вратата. Откако се симнале неколку негови колешки, не се сеќава колку точно на број, конструкцијата од трите бироа попуштила и веќе не можеле да се симнуваат на тој начин. Во тој момент напаѓачите влегле во долниот дел на Прес центарот и нивната група се раздвоила. Дел од колегите и колешките се симнале доле да се обидат да ги заштитат оние за кои изгледало дека се мета на нападот, дел од колегите и колешките се евакуирале по околните канцеларии и простории, додека тој, Ф. Т. Р., Р. Д., И. Т., М. З., Т. К., Б. К., М.Н., Ѓ. К., Е. А. и Ш.К. останале на балконот. Истакна дека пред да влезе масата народ внатре во Прес салата никој од собраниското обезбедување не им понудил да бидат евакуирани, имало еден припадник на собраниското обезбедување, кој само еднаш откако влегле луѓето ја отворил вратата и ја подал главата внатре, всушност кон балканот и ја вратил главата назад и ја затворил вратата, а до крајот на вечерта не го видел повторно. Кога толпата влегла внатре настанал општ хаос, но тој забележал неколку карактеристични елементи. Во толпата имало маскирани и немаскирани лица, имало лица кои биле вооружени со стапови, прачки и копја од знамиња, на делот на кој се уште бил прикачени македонските знамиња. Веднаш по влезот групата се раширила и ја опколила групата пратеници и новинари кои се нашле во Прес салата. Забележал како маскираните лица со гестикулации, а и со зборови кои за жал биле неразбирливи за него, како изгледало дека комуницира и им дава инструкции на останатиот дел од толпата, односно на дел од маскираните и немаскираните лица. Забележал како откако влегле со молскавична брзина и без многу размислување или планирање ги фатиле околните предмети во Прес центарот и започнале да ги користат како оружје, а станувало збор за столици, сталаци од камери, камери, кабли, шишиња и сите останати предмети кои во моментот се наоѓале во Прес центарот. Тоа му оставило впечаток дека групата е систематизирана,

организирана, а дека нивните дејствија се координирани, испланирани и дека се служат со тактика на борба во затворен простор. Наведе дека предметите биле фрлани кон целата група, но било забележливо дека главна цел биле З. З., Т. Џ., З. С. и Р. Ш.. Истовремено, вербалните закани кои биле упатувани од страна на припадници на групата не оставиле простор за сомнеж дека главна цел на нападот бил токму З.З. . Групата му се упатувала со зборовите „по тебе дојдовме“, „тебе ќе те нема“, „тебе ќе те скинеме“. Поминале 5 до 10 минути додека толпата да влезе горе, но за да се сфати сликата за тоа што се случувало со секој одделно од горе присутните, наведе дека сакал да опише што се случувало во тие неколку минути. Откако сфатиле дека нападот е неизбежен и реален и им се случува и откако останале само со колегите и колешките кои претходно ги навел, најпрво Р. Д. го повлекла М. З., И. Т. и Т.К. во втората од двете кабини за превод каде се заклучиле и останале до крајот на нападот. Наредниот ден дознал дека причината за тоа бил нејзиниот, според него оправдан страв дека токму М. З. ќе бил непосредна цел на нападот, па горе останале тој, Ф. Т. Р., Б. К., М. Н. Ѓ. К., Ш.К. и последната колешка што ја споменал претходно. Тогаш им препорачал на колегите да се повлечат кон првата незаклучена кабина за превод и тој останал сам пред вратата со намера да ги спречи за да влезат на балконот, или ако веќе не може, да се обиде да ја намали ризичноста на ситуацијата. По само 5 до 10 минути откако влегле внатре, забележал како се отворила вратата и влегло едно за него дотогаш непознато лице, а за кое подоцна дознал дека во моментот на настанот наводно бил вработен во општина А. и го имал прекарот К., К. или К.. Откако тој влегол му се обратил со зборовите „каде ќе бегаш сега шарено педерче, сега те фатив“. Тој со едната рака се обидел да го смири, а со слободната рака се обидел да ја фати кваката од вратата и да ја затвори за да не можат да влезат уште лица. Пред да ја фати кваката вратата едноставно се откорнала од шарките и внатре влегла првата поголема група на луѓе која мисли дека била од 5 до 7 лица, но не бил сигурен за точната бројка. Обидувајќи се да се справи со толпата и истовремено колку можел да ги заштити колегите и колешките се поставил пред влезот кон кабините за превод каде што од десната страна му бил ѕидот, а од левата страна му бил последниот ред на столчињата. Тогаш групата од 5 до 7 лица кои влегле, кои што дел биле невооружени, дел биле вооружени со стапови и прачки, дел биле вооружени со копја од македонски знамиња, го нападнале и почнале да го удираат во пределот на главата, рацете и телото. Во тој момент слушнал како уште поголема група се приближува кон влезот на балконот и ги слушнал зборовите од надвор „горе е шареното педерче, него треба да го убиеме, фрлете го доле, него треба да го скинеме или сништиме“, не е сигурен кој збор го употребиле. Во тој момент за првпат ја прифатил можноста да не излезе од таа зграда. Имајќи предвид дека три колешки од шестте колеги и колешки кои биле во незаклучениот дел од кабинетот за превод биле Албанки, го обземал страв за нивната безбедност и нивните животи и се повлекол во местото кое според него му давало најдобра можност, да се

постави меѓу нив и напаѓачите, односно во самиот простор, меѓу ѕидот и вратата од незаклучената кабина за превод, зад него била заклучената врата од заклучената кабина за превод каде што биле Р. Д. и колегите кои што биле заклучени. Веднаш позади неа биле колешката Ф. Т. Р. и колегата Б. К.. Имале многу кратка размена со колешката Ф. Т. Р. каде што таа го потсетила дека било какво враќање врз толпата само ќе ги провоцира на уште понасилни и поинтензивни напади. Тогаш само ги раширил рацете помеѓу ѕидот и кабината за превод и неговото тело го поставил како бариера помеѓу напаѓачите и колегите и колешките зад него. Не броел колку пати го удриле, не се сеќава на кои места го удриле, знае дека групата која тепала во ниеден момент не броела помалку од пет лица и дека нејзиниот состав постојано се менувал. Тој цело време им велел и ги молел да се смират, но не се смириле. Наведе дека физичките повреди кои ги задобил за среќа биле полесни, имал неколку модринки, гребнатинки, неколку помали лацерации, односно ништо за што сметал дека бара брз и непосреден третман, но имал други последици по неговото физичко и психичко здравје кои настанале таа вечер, а кои не биле резултат на ударите. Имал оштетување на белите дробови како резултат на пролонгираната изложеност на чадот од димните бомби без соодветна заштита и психички последици и трауми карактеристични за настан од таков тип. Сведокот исто така појасни и дека откако ја напуштиле Пленарната сала по изборот на Претседател на Собранието и се упатиле кон Прес центарот, до крајот на вечерта повторно не влегле во Пленарната сала и во тој момент не бил свесен што точно се случувало таму, туку за тоа дознал како и остатокот од македонската јавност, преку медиумските објави.

Ценејќи го исказот на сведокот судот имаше во предвид дека овој сведок давајќи целосен хронолошки опис на настаните тоа го направи на еден јасен, категоричен и недвосмислен начин, а исказот е во склад со останатите докази. Тој во својот исказ точно посочи кој бил таргет на напаѓачите, а тоа биле Т. Џ., З. С. и Р. Ш., а пред се З. З.. Зборува за тоа како биле пратениците тепани, со кои предмети, а станува збор за столици, сталаци од камери, камери, кабли, шишиња и сите останати предмети кои во моментот се наоѓале во Прес центарот. Воедно посочи каде точно се случувало сето тоа, потоа посочи какви закани и навреди биле упатувани кон нив. Посочи дека меѓу толпата народ влезена во Собранието имало маскирани и немаскирани лица. Сведокот меѓу останатото истакна дека групата која влегла во Прес центарот е систематизирана, организирана, а дека нивните дејствија се координирани, испланирани и дека се служат со тактика на борба во затворен простор. Освен тоа нагласи дека никој од собраниското обезбедување не им понудил да бидат евакуирани. Воедно истиот појасни со какви повреди се соочил, но истакна и дека истиот имал и психички последици и трауми карактеристични за настан од таков тип, па со оглед на ова судот во целост поклони верба на исказот на наведениот сведок.

Во својот исакз сведокот М. З.  наведе дека е пратеник во Собранието на РМ од 30 декември 2016 година откако им се верификувале мандатите во Собранието и дека кога станал пратеник лесно се снаоѓал во Собранието со оглед да претходно бил 18 години новинар и многу често бил во Собранието бидејќи ја следел работата на Парламентот. На 27 април 2017 година, во моментот кога се одржувала прес конференцијата на господинот З. З. и на господинот Т. Џ., се наоѓал во истата сала во горниот дел, односно галеријата. Од местото каде што стоел во галеријата имале прегледност во салата долу и внатре имало два монитори кои еден период биле активни каде што се емитувала програма на Нова ТВ која одела во живо и пренесувала што се случувало надвор од Собранието. Додека траела прес конференција на присутните новинари се обратил господинот З. З. Откако тој завршил на говорницата застанал Т. Џ. кој исто така се обраќал на новинарите. На двата екрана од страна од кои едниот монитор бил од десната страна и еден бил од левата можеле да гледаат во живо програма од Нова ТВ, каде истовремено се емитувало во живо и тоа што се случувало надвор од Собранието и тоа што се случувало внатре во Собранието и додека зборувал Т. Џ. во еден момент забележале дека вратите на Собранието се отвориле и толпата почнала да навлегува внатре. Откако го виделе тоа, тој со неколку колеги во галеријата мислејќи дека е побезбедно за нивните колешки да бидат долу во салата, почнале да помагаат да ги спуштат долу со помош на останатите колеги што биле, долу поставиле две маси за полесно да се симнат. Две колешки успеале да симнат, кога се обидувале една колешка да ја симнат толпата веќе била пред вратите на Прес салата. Дел од луѓето кои што влегле во Собранието, односно во тој дел каде што тие се наоѓале, се качиле горе кај нив во галеријата, односно не влегле внатре туку вратата им била отворена и тоа што му паднало во око и што го забележал бил човек кој што на главата имал беретка, со црно елече и маичка и маскирни панталони, а во раката држел радио станица. Очигледно и тој бил збунет, не знаел каде се наоѓа и веднаш потоа се симнал надоле по скалите, не влегол во галеријата. Ја затвориле вратата од галеријата и гледале што се случува доле, испаничени што се ќе се случувало понатака. Толпата успеала да влезе во салата доле и прв на мета бил Претседателот на партијата, господинот З. З., кој почнал да крвари од челото. Додека толпата неконтролирано мавала со се што имала внатре, тие се обидувале горе да најдат начин како да се засолнат. Во горниот дел од галеријата постоеле две кабини за превод, кога веќе толпата наишла и горе во галеријата и се обидувала да ја отвори, тој успеал да влезе во втората кабина за превод што се наоѓа горе во галеријата. Кога влегол внатре таму биле четири негови колешки Р. Д., Т. П., Т. К. и И. Т.. Успеале со една од двете столици што се наоѓале внатре во кабината да ја забарикадираат вратата во таа кабина. Објасни дека предниот дел од кабината е стаклен и од горе можеле да гледаат што се случувало во меѓувреме во долниот дел од салата. Во првата кабина од гласовите што успеале да ги слушнат биле засолнети неколку нивни колеги и таму се

случил напад врз неговиот колега П. Б.. Луѓето кои што биле качени горе додека ги напаѓале Павле и Ф. Р., го извикувале и неговото име, го барале „каде е Мухи“, „каде е М. З.“ и се обраќале со навредливи зборови кон него. Два-три пати се обиделе да пробаат дали можат да влезат во таа кабина, но било цврсто забарикадирана од столчето на кое тие биле потпрени, односно дел од неговите колешки не успеале да влезат и Ф. Р. од таа страна им спомнала „луѓе тука нема никој, оваа врата не се отвора“. Таму останале до крај, до интервенцијата на полицијата и од одозгора гледале што се случувало долу. Долу гледале дека толпата била разгневена и продолжувала да ги напаѓа нивните колеги со сите расположиви средства што ги имале во себе. Тоа што оставило впечаток, што успеал тој да го види одозгора било едно лице кое со една рака држело отпозади пиштол и не било во првите редови, а поточно било после вториот ред од луѓе што стоеле пред пратениците, дури во еден момент пиштолот кој што го држел му испаднал и се наведнал да го побара и го нашол. Забележал уште двајца дека носеле оружје, но подоцна разбрал дека тие не биле дел од толпата, туку дека биле од собранискoто обезбедување. Лично не ги познава ниту едниот ни другиот, а дека еден од нив е присутен во судската сала и го посочи дека тоа е обвинетиот Абдуљфета Алими. Нив на почетокот ги забележал во првиот налет на луѓето дека биле таму, но потоа не успеал да ги забележи доле. Наведе дека кога толпата била најгневна се слушнал истрел од страна на обезбедувањето на О. С., дали бил еден или два не знае точно, но истрелот го слушнал и го видел дека завршил во таванот и после тоа толпата како да се смирила, но вербалните и физичките напади кон пратениците продолжиле и понатаму. После извесно време во Прес центарот дошле двајца пратеници од ВМРО ДПМНЕ, Н. Т. кој што буквално бил турнат и истеран од салата, а вториот бил Влатко Ѓорчев кој застанал во првите редови да ги брани колегите. Истакна дека во салата во толпата имало и голем број луѓе кои што носеле и фантомки на главата, на дел од нив, односно повеќето имале и тетоважи низ телото. Тие биле во суштина луѓето кои што ја координирале и ја наведувале толпата што треба да прави, некои ги наведувале да напаѓаат и напаѓале со нив, некои ги смирувале. Наведе дека тоа траело повеќе од два саата, два и пол саата, тие биле забарикадирани откога сето тоа почнало и се чуделе зошто полицијата не интервенирала. Сите биле испаничени и се молеле да почне некаква интервенција и некакво извлекување на пратениците од таму затоа што нивните животи биле во опасност. Во кабината почнало да станува загушливо и знаеле дека нема да можат да издржат уште многу. После два и пол саати, два саати отприлика ја слушнале првата шок бомба, дел од неговите колешки се исплашиле, а тој се обидел да ги смири дека тоа било добар знак, односно дека полицијата почнала веќе да интервенира. По краток период се слушнале уште две експлозии од шок бомби и гас, но веќе во галеријата слушнале и други гласови кои не биле истите гласови што ги слушале цело време, па во консултации со колешките решиле да ја отворат вратата. Откако ја отвориле вратата, забележале дека имало, мисли дека двајца

биле припадници на Единицата за брзи интервенции, неколку од колегите како и неколку од луѓето кои што навлегле во Собранието. Тие луѓе коишто биле влезени да бидат насилни во тој момент, бидејќи полцијата веќе била тука, почнале да глумат дека се таму за да ги бранат. Поради нивна безбедност од галеријата биле префрлени во спротивната галерија од сала број 4. Таму затекнале уште неколку нивни колеги кои што биле таму, и тоа Ф. М., Т. Т., две колешки од ДУИ и генералот И. Н.. Таму не се задржале ниту минут зашто било побарано од страна на полицијаците поради нивна безбедност дека треба да им се придружат на останатите пратеници кои се наоѓале во друга просторија. Успеале да ги спроведат по скалите надолу, веднаш од левата страна била вратата после тоа се упатиле веднаш во првата најблиска пратеничка канцеларија каде што биле засолнати нивните колеги кои што биле во долниот дел од салата. Биле отворени неколку врати од канцеларии каде во тој момент не се наоѓале само тие, пратениците, имало непознати луѓе, дел од нив биле од тие што успеале да влезат со толпата во Собранието кои подоцна по интервенција нивна бидејќи не биле дел од пратениците, биле тргнати од салата за да останат само пратениците. Таму видел многу раскрвавени лица на негови колеги, З. З., Б. Б. ЉН., О. С., Д. М. и други, но тоа што му паднало во очи било дека човекот од обезбедувањето на О. С., оној кој што пукал во салата, бил легнат на подот и бил во тешка состојба, со пукната усна и се барало начин како да се извлече од Собранието и да се однесе на лекарска интервенција. По краток период дел од полицајците во цивилка кои што биле, не зае точно дали биле припадници на Алфите, извадиле една од вратите, го ставиле на вратата и на тој начин го изнеле надвор од просторијата каде што биле. Додека биле во таа просторија В. Ѓ. влегувал и излегувал во обид да помогне и во еден момент му се обратил него, а после тоа и на Т. Џ. за да замоли бидејќи слушнал оти од другата страна од градот, накај Бит Пазар имало групи кои се собирале и сакале да дојдат на другата страна од градот, па замоли ако можат да влијаат, да сопрат такво нешто. Наведе дека не знаеле дали имало такви групи или не, заѕвонеле на телефони на нивни пријатели ако има нешто такво да не се обидуваат да направат нешто, некаков чекор и да се обидат да тргнат накај Собранието затоа што полицијата ја имала веќе под контрола ситуацијата. Почнала евакуацијата на пратениците од таа просторија. Прво биле извлечени повредените, потоа пратеничките и на крај тие што биле помалку или не биле повредени. Ги извлекувале преку гаражата од Собранието од долниот дел и со полициски транспортери ги евакуирале во касарната Ѓ. П.. Кога влегле таму забележале дека таму се наоѓаат и колеги пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, кои што биле претходно таму, тие за брзо ја напуштиле таа просторија, а тие требало да останат додека не ги евидентираат кои се таму и дали се на број. Откако ги евидентирале им кажале дека ако имаат блиски кои можат да дојдат да ги земат, може да ја напуштат просторијата и да си одат и почнале на тој начин секој кој што има близок да се јавува за да дојде да ги земе и заминале од таму. Сведокот во својот исказ појасни дека при нападот врз

присутните во Прес салата од предметите кои ги споменал се користеле првично стативите од ТВ екипите кои што биле ставени таму, не знае од каде летале и шипки и останати предмети, столици, дури и монитор компјутерски видел во еден момент дека летнал во правец на пратениците што се наоѓале долу. Исто така појасни дека од навредливите зборови кои биле упатени спрема него биле „каде е Мухи“, „каде е М. З.“, „каде е Шиптарот“, пцовки и слично, притоа истакна дека се слушале и закани кои биле општи дека ќе бидат убиени сите, но кога му било спомнато името не слушнал директна закана. За цело време додека се одвивале насилствата прво му било чувството за личната безбедност и безбедноста на неговите колеги, второ, било чувството и стравот кај сите нив присутни и со мислите биле секако со нивните најсакани и најмили мислејќи на нивите деца, на фамилијата и на останатите кои што постојано ѕвонеле на нивните телефони да прашаат дали се живи или не се живи. Тоа било грозно чувство и не посакувал никој да биде во таква ситуација. Појасни и дека лицето со пиштол кое го видел и на кое му паднал пиштолот па се наведнал да го земе бил со црна маичка, ќелав и со брада, не знае дали пиштолот бил железен дали бил метален или пластичен бидејќи не бил познавач на оружје, единствена допирна точка со оружје имал кога служел војска во … година во АРМ, но знае како изгледа оружје и истакна дека видел пиштол, кој лицето го држело со десната рака во задниот дел од телото каде го носело. Сведокот во својот исказ појасни и дека од кабината каде што бил не видел кој ги кажал навредите и заканите упатени лично према него затоа што лицата кои што ги упатувале биле од другата страна на вратите каде што тој не можел да ги види. Покрај навредите упатени на негово име имало навреди и закани упатени и на колегите кои што се наоѓале од другата страна на вратата. Наведе дека дел од толпата биле со фантомки, а дел без фантомки, немало речиси ниту еден кој што молчел или кој што не упатувал навреди и закани кон колегите пратеници во долниот дел, но повторно истакна дека немал можност да види кои биле лицата кои ги упатувале заканите и навреди кон него и кон неговите колеги.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што неговиот исказ е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите докази.Тој даде целосен хронолошки опис на настаните, зборувајќи за се она што се случувало во Прес салата како и на галеријата објаснувајќи дека дел од толпата народ биле со фантомки, а дел без фантомки. Лицата кои носеле фантомки биле всушност лица кои ја координирале и ја наведувале толпата што треба да прави. Воедно истиот зборува и за вооружени лица, како и за насилството над пратениците и предметите кои биле употребени, а се работи за стативите од ТВ екипите кои што биле ставени таму, шипки и останати предмети, столици, дури и компјутерски монитор. Кога зборува за лице со оружје го опишува како лице со црна маичка, ќелав и со брада. Ова лице со една рака држело отпозади пиштол и не било во првите редови, а поточно било после вториот ред од луѓе што стоеле пред пратениците. Од неговиот исказ јасно произлезе дека

полицијата не реагирала повеќе од два часа и покрај тоа што нивните животи биле во опасност, а ова повторно е во склад со останатите докази. Воедно зборува и за заканите и навредите упатени кон нив. Истиот зборува и чувството на несигурност и страв. Судот мора да се осврне и на делот на исказот каде истиот вели дека неколку луѓе од насилната маса откако полицијата почнала да интервенира тие глумеле дека се таму за да ги бранат.

Сведокот П. Ш. во својот исказ наведе дека за првпат бил избран за пратеник во Собранието на РМ во април 2014 година согласно политичката одлука на СДСМ, тие резултатите не ги признале, кога дал изјава дека не го прифаќа пратеничкиот мандат и му бил одземен и врз основа на политичкиот договор кој што бил постигнат пратеничката група на СДСМ влегла во Собранието на РМ на 1 септември 2015 година и бил пратеник во тој состав на Собранието се до Парламентарните избори во 2016 година кога повторно бил избран за пратеник со верифициран мандат на Конститутивната седница на Собранието која што се одржала на 29-ти или 30-ти декември 2016 година и од тогаш бил пратеник се до одржувањето на Локалните избори на 15 октомври 2017 година кога бил избран за Градоначалник на Г. С.. Објасни дека Собранието на РМ по својата архитектура е квадрат, а де факто внатре ходниците се Пентагон. Имајќи во предвид дека има три помошни влезови што гледаат кон „Жена борец", четири влезови има без гаражата, движењето низ зградата на Собранието е тешко за човек што првпат влегува во неа затоа што има кружно движење на приземјето и двата спрата на Собранието и каде што има нелогично нумерирање на просториите, односно почетокот на нумерирањето не значи дека последната канцеларија е последно нумерирана. Нумерацијата е различна, така е и на приземјето и на двата спрата од Собранието. Притоа, има прекин во движењето на приземјето заради свечениот влез и кристалната сала и дел од уставната сала, мисли дека е уставна, а тоа е на приземјето. На првиот кат се просториите на Претседателот на Собранието на РМ, каде има и физички препреки за движење во смисла на затворени врати, има спојка од приземјето кон канцелариите на Претседателот на Собранието од кај главниот влез, свечен влез каде што се влегува директно во просториите на Претседателот на Собранието тоа пак е во ходникот на првиот спрат, со физичка препрека невозможно е движењето по останатиот дел од ходниците на првиот спрат. Доколку некој првпат влегува, доколку некој не му го покаже патот, едноставно нема да знае на кај, каде да се движи за да ја најде бараната просторија. Како пример наведе дека во Прес центарот на Собранието на М. каде што бил критичниот настан може да се качи по нешто што личи на помошни скали од ходникот каде што е салата за пленарни седници на Собранието на М. и помошната сала „Борис Трајковски", па повторно низ ходник треба да се движи за да се дојде до сала 4 која што се наоѓа од едната страна на крајот на ходникот и Прес центарот на Собранието на РМ која се наоѓа на другиот крај од ходникот. Ако некој се движи по главните ходници на Собранието, тие се

некако одма како помошни скали за да се влезе во ходникот каде што се две сали што ги споменал, сала 4 и Прес центарот. Таму се наоѓа и бифето во тој ходник и техничката соба на Собранието од која што претпоставува дека се управува со техниката на пленарните седници. Наведе дека на 27.04.2017 година бил присутен во Собранието на РМ бидејќи тогаш била една од сесиите на Конститутивната седница за избор на Претседател на Собранието на РМ. Во Собранието пристигнал во редовно време затоа што седницата била закажана за 11,00 или 12,00 часот и бил таму се додека од нападите на како што тој ги нарече дивите орди не ги извлекле специјалните сили од Прес центарот на Собранието. Истакна дека во тој период бил портпарол на СДСМ за кој мисли дека бил ноторен факт, а една од работите на портпаролите е да соработува со претставниците на медиумите. Така во 18,00 часот во моментот кога изјавата ја давал господинот З. З. и господин Т. Џ., тој бил во Прес центарот на Собранието на РМ, пред вратите и напред со цел претставниците на медиумите да ги повика да влезат и да присуствуваат на давањето на изјавите. Тогаш изјави дале Претседателот З. и Господинот Т. Џ.. Во самата просторија имало навистина многу претставници на медиумите и од домашните, а мисли и дел од странските, како и голем број на пратеници од новоформираното парламентарно мнозинство на Собранието на РМ, меѓу кои и тој. Прес центарот на Собранието на М. не е преголема сала, во него има три реда на клупи со по три клупи од секоја страна, централен премин, во центарот е говорницата каде што се даваат прес конференциите, во позадината позади клупите има компјутерска опрема која што претставниците на медиумите често ја користат за својата работа, кога се влегува и се гледа говорницата лево се јарболи на знамето на Република М., има два или четири телевизори обесени на зидот, а горе бидејќи е повисока просторија има и галерија, гледано вон галеријата од десната страна има и кабина за превод. На телевизорите кои што биле во Прес центарот вклучени, одел пренос на Нова ТВ, на која што се гледале слики надвор од собраниската зграда. Преносот, веројатно што го вршела таа телевизија и камерите биле насочени кон надворешната страна на Собранието, односно линкот на директниот пренос не бил за настаните во Собранието, не бил за изјавите на господинот З. и Џ., туку линкот, односно камерите биле насочени кон толпата пред Собранието. Оттаму можело да се види дека во тоа време една помала група, не голема група, ги скокнала заштитните огради и дошла пред вратите на Собранието на РМ на официјалниот влез, на свечениот влез што гледа кон Жена Борец. Притоа појасни дека Собранието на РМ е објект со заштита или треба да е со заштита од прва категорија што според него било логично бидејќи во него е дел од уставниот поредок на РМ, законодавната власт, луѓе пратеници избрани на избори. На негово запрепастување, толпата дошла до вратите на таква зграда и успеала и тоа го гледал на ТВ преносот внатре во Прес центарот на Собранието на М., успеала да влезе без никој да ги спречи. Во рок од две до три минути, толпата се нашла пред вратите на Прес центарот на Собранието на Република М.. Во галеријата горе, во Прес

центарот биле сместени жени, мајки, пратенички избрани на избори од граѓаните на Република М.. Дел од обезбедувањето кое што го имал Претседателот на Социјал демократскиот сојуз тогаш, како лично обезбедување, што по закон му следува, како и дел од обезбедувањето на тогаш пратеникот О. С., Министер во техничката влада за спроведување на Избори 2016, која што исто така по закон им следи, излегле надвор од Прес центарот пред неговите врати, а станувало збор за две двокрилни врати. Луѓето се обиделе да ги спречат насилниците да влезат во Прес центарот каде што биле тие. Во меѓувреме, толпата стасала и до влезот кај галеријата, па морале дел од бироата што новинарите ги употребуваат во Прес центарот да ги стават едно врз друго, со цел да помогнат на нивните сопартијки, другарки, колешки, пратенички, да се симнат од галеријата, затоа што и тие биле во паника дека некој може ако влезе да ги фрли одозгора, каде висината е три до четири метри. Тој страв бил интензивен кај пратениците за нивните животи, затоа што можеле да слушнат многу лесно што е тоа што се случува надвор пред вратите, тепања, удари, закани, во еден момент испукан куршум, истрел. Дел од обезбедувањето што излегло пред вратите, влегло во Прес центарот и кажало дека повеќе не можат да издржат да ја задржат ордата надвор од просторијата. Биле раскрвавени, исечени, истепани. Им рекле да се повлечат, не можеле да ги оставаат нивните луѓе да ги линчуваат, па луѓето се повлекле внатре во просторијата. С., кој бил еден од обезбедувањето се обидел да ги задржи на врата, но не успеал. Се тргнал и се повлекол кон нив. Тој бил последниот што застанал да ги чува нивните животи. Кога се тргнал во просторијата нагрнала, орда, дива орда, разулавена од преку пеесет луѓе, најпрво старци, па младите, па бандити со качулки на главите, кои што цело време ја командале толпата. Пратеникот В. Ѓ. го знаел едниот од нив по име, без оглед што имал качулка, го знаел по надимак „Шестка“. Наведе дека на никого не му посакува да го доживее тоа што го проживеале во таа просторија. Најгаден бил првиот напад врз нив и не знае што се не паднало врз нив во тој прв напад, столици, сталаци од камери, мауси од компјутери, топчиња од фотелјите што се влечат, со сајли се обидувале како ласо направено од вратите да ги извлечат, со него имало и непосреднен физички контакт, и некако група од 15-ина луѓе завршиле во десниот ќош на Прес ценатрот гледано од влезот во Прес центарот. Пред нив, меѓу нив биле и членовите на обезбедувањето и на З. и на О. С.. Меѓутоа, тоа било движење на толпа, така да ако се наоѓале на еден крај, во рок од пет секунди можеле да се најдат на другиот крај на групата. Нападот бил многу интензивен и бил во бранови, а притоа викале „Ќе ве убиеме“, „стоки“, „предавници“, „фамилијата ќе ви ја сотреме“, „што мислиш ти Шилегов сега, ајде излези“, З., Д. М. и сите што биле таму. Биле Претседателот З., тој, О. С., Д. М., Љ. Н., Б. Б., А. К., Д. В., Г. М., камерман од ТВ 24, М. Д., на почеток со нив бил С. со дел од пратениците од ДУИ и Алијансата. Не успеал да види како С. го извлекле или дали сам ја напуштил групата, успеал да види кога го тепале во Прес центарот непосредно пред тие врати, пред излезот, пет

или шест души крвнички го тепале легнат на земја, со клоци, со тупаници, со предмети со се. Горе бил П. Б. кај кабината за превод, во кабината била Ф. Р. и мисли дека била Ѓ. К.. Три, четири души го тепале П., ја удриле и Ф., а Ф. бидејќи била породена со царски рез со едно од децата, се жалела подоцна дека осетила стравична болка во пределот на раната. Тоа целото така го кажувал за да колку толку, се добие впечаток каков центрифугален хаос бил во Прес центарот. Сите напади врз нив од правен аспект, а имал доволно правна квалификација да даде проценка, биле напад врз живот, кога ќе се удри човек со предмет тежок 12 килограми е напад врз неговиот живот, кога ќе се фрли по него со ногарки, кугли од фотелји од далечина, а притоа тие кугли имаат метален издаток кој што го заглавува тркалцето, куглата де факто е оружје, ладно оружје. Тој бил удрен во пределот на десната слепоочница. Наведе дека кога жена ќе скрши јарбол на кое што стои знамето и со истото ќе почне да боде во групата, тоа е оружје. Тој бил расечен од тој јарбол во пределот на десните ребра, така бил изложен со десната страна кон толпата. Мисли дека тоа бил моментот што еден професионалец полицаец, обезбедување на тогаш пратеникот О. С. го извадил пиштолот, по сите правила и норми извикал „стој, стој полиција, стој полиција ќе пукам“ и пукнал во воздух, во таваница. Пред тоа ги прашал дали да го извади пиштолот, добил дозвола од поранешниот министер и од нив како група што имале атак врз нивните животи, меѓутоа му рекле да не пука во човек, тоа мисли дека ја спречило ордата да застане, бидејќи застанала, меѓутоа повторно тргнале со зборовите „Што мислиш ти, што се замислуваш, мислиш ли дека само ти имаш пиштол овдека“. Во текот на сите настани тој успеал кај двајца луѓе да види пиштол, двајца напаѓачи маскирани, од тие причини не можел да ги препознае, но точно знаел што има видено. Наведе дека многу е болно за еден просечен граѓанин каков што е тој, кога на десетина петнаесет метри од него, надвор, пред влезот на Прес центарот, ќе види униформирани лица полицајци како стојат и мирно ја пропуштаат толпата да влезе и да ги убива, да не реагира зашто немале наредба. Појасни дека полицијата е на сите, да гледа обид за линч, обид за убиство, напад, сериозен напад врз тело и живот на пратеници во Собранието на РМ и да не прави ништо. Се обидувале секој од нив колку што можеле и пред да влезат и откако влегле, да стапат во контакт со некои нивни блиски вработени во МВР, мисли дека господин Џ. успеал да стапи во контакт со тогашниот заменик министер, вршител министер во техничка влада, А. Н., тој бил прв човек на полицијата во тоа време барем од формален аспект гледано и информацијата што ја добил од господин Џ. бидејќи стоел непосредно до него, дека им се јавувал, меѓутоа немал команда на полицијата. Во меѓувреме, во просторијата влегол пратеникот В. Ѓ. со неколку луѓе, активисти на ВМРО ДПМНЕ, не биле дел од пратеничката група, не биле ни дел од вработените во Собранието, и се поставил на извесен начин како тампон зона помеѓу нив и напаѓачите. Тогаш ситуацијата релативно спласнала, иако перманентно имало удирања и напади со предмети, меѓутоа контактот не бил интензивен како што бил на почетокот, цело

време не престанале, меѓутоа веројатно заради таа тампон зона интензитетот бил помал. Сепак господин Ѓ. бил со три четири луѓе внатре, меѓутоа добар дел од луѓето што биле во просторијата ги ословувал со име, ги знаел. Некаде околу 20:00 часот, се сеќава затоа што тогаш успеал да го извади мобилниот телефон од џеб, ја прочитал пораката од неговата сопруга „дали си во ред, дали си ок“, тој одговорил „сега, за сега да“, затоа времето го памти, започнал да се слуша џагор низ ходниците на Собранието после 20 часот и почнале да се слушаат експлозии, дали биле шок бомби не знае и во просторијата на Прес центарот на Собранието на РМ навлегол чад и влегле специјалните сили на МВР. На нив им претходела една мала група од Алфи со тогашниот командир на Алфите коишто им кажале „еве сега почнува акција, ќе ве спасат, бидете мирни“ и тие останале тука со нив пред да влезе димот и пред да влезат специјалните сили. Кршеле дел од стаклата што им биле на дофат во просторијата со цел да ако е можно дел од димот да излезе од просторијата и советот на специјалците бил да стават нешто мокро во респираторниот дел, претпоставува заради хемикалиите содржани во направите што ги користат, средствата, бомби ли биле, не знае. Наведе дека толку биле испотени, што само кошулата си ја дигнале и имале мокро над устата. Тој лично не знаел, не бил сигурен дали полицајците ќе ги носат да ги тепаат или дошле да ги спасат. Политичката состојба тогаш била толку многу тензична, а пропустите на полицијата толку многу евидентни, тој не можел да се оттргне од впечатокот дека таа не била во командно ниво, како што е по закон, туку неформално командување, особено што пред него ги гледал пет или шест полицајци со шлемови на глава како ја пропуштаат толпата да влезе да ги утепа и не знаел дали полицајците ќе ги спасуваат или ќе ги носат негде да ги утепаат. Влегле во канцеларијата на В. Ѓ., односно ги однеле таму. В. ја отворил неговата канцеларија која била со три простории, мисли дека се три, не дал да запалат светло додека не ги спуштат ролетните бидејќи надвор биле луѓе кои протестирале и што викале и тој не сакал, веројатно од претпазливост кон нив да некој од надвор види дека се наоѓаат во таа просторија. Ги спуштиле ролетните и запалиле светло, а потоа дошол Н. Т. со екипа на брза помош. Најтешко повреден бил А., еден од обезбедувањето на О. С. кој им кажал дека по кажување на лекарите черепот му бил расцепен со железен предмет, бил цел крвав и се гледала таа отворена рана и А. колабирал, паднал. Тој бил прекрасен професионалец кој што паднал откако бил убеден дека тие се безбедни. Прво го ставиле на нешто што го направиле како импровизирана носилка со цел да се изнесе, да му укажат помош и да го изнесат што е можно побргу, зошто човекот навистина не бил во ред, видливо било дека веќе се губи. Тодоров понудил заедно со него во возилото на Брза помош да бидат четири или пет од нивните пратеници, евакуирани. Знае дека некој го спомнал Претседателот З. пошто бил расечен, него веќе го преврзувале, го спомнале Љ. Н. што исто така многу лошо изгледал, го спомнале него заради неговата општа здравствена состојба бидејќи има пет стента бидејќи целата таа ситуација

не е кардио препорачлива за луѓе со проблеми со срце. Одлучиле дека никој од нив нема да ја напушти просторијата доколку не ја напуштат сите заедно. Појасни дека после 15-20 минути почнала нивната евакуација. Во тој период успеале да стапат во контакт со нивните колеги пратеници од пратеничката група на СДСМ и дел од нив, кој каде бил испокриен во просториите на Собранието на Вајбер групата што ја имале, секој се чекирал, се јавувал, идејата на таа комуникација била да ги лоцираат сите нивни луѓе со цел да сите бидат извлечени истовремено од Собранието. Тогаш разбрал дека Р. е во многу тешка состојба во собраниската амбуланта, разбрал дека е Села контактибилен, не е мртов и некако сите се пријавиле дека се таму. Полицијата ги спровела до гаражата во Собранието на РМ и по групи ги сместувале во борбените возила каде што ги однеле во полициската касарна во Ѓ. П.. Таму им зеле податоци, ги идентификувале, таму веќе одамна биле присутни пратениците од ВМРО ДПМНЕ. Делот што го разочарал бил што никој не ги прашал како се, ни него ни колегите негови од СДСМ. Тогаш не го прашале како е, а денес му пружале рака, тогаш ни вода не му понудиле, биле истепани, биле раскрвавени, раскинати по алишта, има некои моменти што можеби не се врзани со кривично правниот настан, но мисли дека е потребно да ги каже. Многумина од неговите другари и пратеници посетувале психијатриски терапии после настанот. Се уште мисли дека добар дел од нив и сите од нив кои што биле предмет на нападот, а биле шест луѓе таргет, З., Ш., Ш., С., М., М. З., листа за егзекуција, затоа што нив ги прозивале, тоа биле муабетите, „кај е М. шиптарот да го убиеме“, „излези Ш. сега да те видиме“, „семката ќе ти ја сотреме, децата ќе ти ги убиеме“, „ќе те убиеме предавнику еден“ и ред други работи за кои што можеби било подобро заради неговата достоинственост и пристојност, да не се кажат во судница. Наведе дека бил длабоко убеден дека тоа било само кулминација на едно добро смислена однапред акција која што траела неколку месеци, бидејќи му доаѓале пред куќи да му протестираат, му оштетувале личен имот, му пишувале по куќи, по огради, по коли, им пуштале млади деца да ги снимаат со прашање „за колку си ја продал М.“, ги крстеле „предавници“ и ги ставиле како такви со форма на некролози во местата каде што живеат и истакна дека не е убаво да како родител на тогаш 14-годишно девојче да се знае тоа дека немало нокти затоа што сакало да ги извади плакатите со ликот на својот татко затоа што децата и викале дека татко и е предавник и ќе ја предал М.. Исто така наведе дека не е убаво кога некој ќе се врати дома после тој настан да констатира дека неговата ќерка затоа што снемало пренос, а ги виделе сите крвави, преку ноќ да загуби половина од својата коса, затоа што во номенклатурата на политичкиот натпревар кога некој ќе се именува за криминалец, терориста, се повикува на негово процесуирање и затворање за работите што може да ги направи или не, меѓутоа кога некој ќе се именува за предавник, се повикува на негово убиство и егзекуција, затоа што долга била раката на ВМРО, затоа што Ќосето ќе им судел. Истакна дека при критичниот настан задобил три хематоми на глава, расекотина на дел од

десните ребра, модрици по нозете и повреда која што не е физичка, а во периодот додека траеле нападите мисли дека кажал и во делот на исказот дека тоа се напади што го загрозуваат вашиот живот со средства што можат да го загрозат вашиот живот, на начин што можат да го загрозат вашиот живот.

Судот поклони верба и на овој сведок од причина што неговиот исказ е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите изведени докази. Тој пред се даде целосен приказ на архитектурата на Собранието, неговата форма, местото каде се наоѓа Прес центарот и тешкото снаоѓање во него доколку првпат влегува некој во неговата внатрешност, а толпата народ успеала да влезе без никој да ги спречи и многу брзо се нашла пред вратите на Прес центарот на Собранието. Истиот даде целосно хронолошки опис на настаните почнувајќи од моментот кога почнала прес конференцијата па се до нивната евакуација. Воедно сведокот наведува кој бил таргет на напаѓачите, а тоа биле З., Ш., Ш., С., М., М. З.. Зборува за тоа со какви предмети биле нападнати, а се работи за столици, сталаци од камери, мауси од компјутери, топчиња од фотелјите што се влечат, со сајли се обидувале како ласо направено од вратите да ги извлечат, но и за тоа како се чувствувале во тие моменти кога им биле загрозени животите и како се чувствувале нивните семејства. Воедно овој сведок истакна дека полициските службеници не ја спречувале толпата народ да влезе во Прес салата, туку напротив ги пропуштале слободно да се движат, а воедно од неговиот исказ произлезе дека има евидентни пропусти на страна на полицијата која не била во командно ниво согласно закон туку имало неформално командување. Посебно судот ќе го нагласи делот од неговиот исказ кога зборува дека пратеникот З.С. и во моментите кога бил паднат непосредно пред вратите на Прес центарот, пред излезот, пет или шест души крвнички го тепале легнат на земја, со клоци, со тупаници, со предмети со се, а сето ова всушност е во склад и со останатите изведени докази, а пред се ЦД снимките. Овој сведок меѓу останатото истакна дека лицата со качулки на главите цело време ја командале толпата, а двајца од лицата кои биле маскирани носеле и оружје. Според овој сведок се работи за однапред смислена акција.

Сведокот Н. Т. во својот исказ наведе дека на 27 април 2017 година, бил присутен во Собранието на РМ како пратеник , а во исто време бил и Вицепремиер и Министер за здравство, тоа било конститутивна седница на Собранието на РМ, која што траела повеќе денови. Појасни дека тој ден еден дел од пратениците пристапиле кон избор на Претседател на Собранието на РМ и тоа надвор од местото каде што тоа треба да се направи, односно во еден круг кој што го направиле околу седиштата каде што тие седеле. Пратениците од ВМРО ДПМНЕ и коалицијата биле пред говорницата и со пеење на химната на РМ се обидувале на еден мирен начин да го попречат тоа што тргнало да се прави, а тоа е да се избере Претседател на Собранието на РМ надвор од вообичаените процедури. Никој од пратениците внатре без разлика на тоа што се случувало не бил

насилен, ниту имало било какви провокации од ниту една страна. Откако завршиле со таквиот начин на избор на Претседател на Собранието на РМ, почнале да излегуваат од салата, потоа и сведокот излегол од салата и се упатил нагоре бидејќи пред тоа и Претседателот на Собранието и неколку луѓе излегле од салата и се упатиле нагоре кон просториите каде што бил сместен кабинетот на тогашниот Претседател на РМ, господинот Т. В.. Потоа, слушнал голема галама и излегол во просторот каде што е кабинетот на Претседателот Т. В. и видел дека голема група на луѓе е влезена во Собранието на РМ. Дел од луѓето се упатиле кон влезот на кабинетот на Претседателот, напомена дека тие луѓе не ги познава, тоа била поголема група и не може да се сети кој се бил во групата. Тој застанал со некои луѓе од обезбедувањето на Претседателот В., тоа е Г. и уште неколку од внатрешното собраниско обезбедување и тогаш дошло до мало кошкање помеѓу нив и групата што сакала да влезе према кабинетот на Претседателот, на крај не било ништо сериозно, тие си заминале, а потоа тој се симнал надоле. Тогаш видел дека во пленарната сала каде што се одржуваат седниците, а таа сала се вика „М.“, веќе била исполнета со луѓе кои што воопшто не биле насилни, тие пееле, вееле знамиња, потоа тој излегол од страна на ходникот, било многу загушливо во салата затоа што имало голем број на луѓе и се упатил кон тоалетите кои што се наоѓаат во ходникот, а од тој ходник надолу се оди према ресторанот кој што е доле, но тој не се симнал во ресторанот, во тој ходник има тоалети и отишол во тие тоалети. Потоа на телефон му се јавила Р. Ш., му кажала дека се во Прес салата и дека таму има човек кој што најверојатно е мртов веќе, таа била во паника, а тој и рекол дека веднаш треба да се повика итна медицинска помош. Се јавил веднаш на телефон на директорката на Здравествен дом С., Т. Б. и веднаш побарал итна медицинска помош да дојде во Собранието. Се упатил кон Прес салата, се обидел да влезе таму, но не успеал бидејќи имало многу луѓе, некои од нив го турнале и обезбедувањето што било со него го извлекло и го однело доле во гаражата. Тогаш повторно ја контактирал директорката на Здравствен дом со цел да види до каде се екипите на итна медицинска помош и бил известен дека тие се пред Собрание, но не можат да влезат и дека се на задната врата на Собранието, на задниот влез од каде што се влегува со возило. По овој разговор веднаш отишол таму со цел да се обиде да внесе амбулантно возило внатре, бидејќи од таму можело да влезе амбулантното возило, но бидејќи имало многу народ собрано пред вратата и пред Собранието, возилото на итната медицинска помош не можело да се пробие, заради што се јавил на директорката Т. и и рекол да дојдат пешки, да се пробијат од страна. Некако успеале да влезат докторите со него, биле четворица и повторно се обиделе заедно со докторите да отидат во Прес салата, тоа било втор обид и тогаш не успеале да се пробиат во Прес центарот, внатре во салата. Повторно него го извлекло обезбедувањето, но направиле и трет обид да влезат, повторно не успеале и за кратко била интервенцијата на полицијата. Кога почнала интервенцијата на полицијата, првиот повреден бил полицаец,

бил повреден од шок бомба која што експлодирала непосредно до неговата нога. Сведокот и неколку други полицајци го извлекле од ходникот од Прес центарот, по ходник кој што е према кабинетот на Претседателот В. и таму му е дадена прва помош. Потоа разбрал дека има повредени пратеници од СДСМ кои што биле во канцеларијата на В. Ѓ., по што со екипите на итна медицинска помош се упатиле веднаш таму со цел да дадат медицинска помош. Му кажале дека С. е тој кој што е најтешко повреден, пратеникот З. С. не бил во просторијата и не знаеле каде е. Тој побарал неговото обезбедување и уште тројца припадници на специјалната полиција да дојдат со него со цел да го побарааат во Собранието. Му се јавил на Државниот секретар во МЗ Н. и се обидел од него да дознае каде се наоѓа С., тој му кажал дека се наоѓа во соба 208 или 308 на втори кат, може и 206 или 306, не се сеќава добро бидејќи од настанот е поминато доста време. Појасни дека тие се упатиле кон таа соба, тропнале на вратата, никој не им отворил и тогаш сведокот ја скршил вратата, влегле внатре, немало никој во просторијата. Потоа се упатиле на третиот кат, ја барале собата 306 или 308, ја нашле а таму го нашле и пратеникот З. С.. Сведокот влегол прв во просторијата, заедно со него влегол и припадник на неговото обезбедување кој што бил во цивил. Се сеќава дека внатре со С. имало уште двајца луѓе, тоа биле оние кои по негово кажување му помогнале. Појасни дека З. го препознал, се поздравиле и побарал веднаш интервенција од страна на лекарскиот тим, го извадиле целиот мебел надвор од канцеларијата и го легнале С. на подот. Сведокот побарал сите да излезат надвор за да можат докторите да работат без попречување. Тогаш една од докторките излегла и му кажала дека се сомнева дека можно е С. да има внатрешно крварење во главата и тогаш тој предложил веднаш С. да се транспортира во најблиската болница каде што има апарат за компјутерска томографија. Предложил тоа да биде во старата Градска болница која што е блиску до Собранието. Тогаш веднаш му се јавил на Чавков и побарал веднаш да се организира акција за извлекување на С. имајќи ја предвид неговата сериозна здравствена ситуација. Му се јавил повторно Чавков, му кажал дека наредил веднаш да се направи таква акција, сведокот му ја кажал локацијата и Чавков рекол дека за кратко време ќе дојде тим кој што ќе биде задолжен за извлекување на З. С. и негов транспорт до најблиската болница. Така и било, за кратко дошол тим на полициски специјалци и се обиделе да го транспортираат Села надвор од Собранието до болницата. Отишле на влезот кој што гледа кон Зелено пазарче или поблиску што е до старата Градска болница, но кога излегле надвор, тогаш голема група на народ тргнала према вратата и одговорниот на акцијата од тимот што бил тука, рекол дека ја прекинува акцијата и да се повлечат за да не настанат последици. Повторно исконтактирале со Чаквков и потоа дошол далеку посилен тим и тргнале со многу посериозна акција и првата била сериозна, ама сега со поголем број на полициски специјалци и го транспортирале С. од задниот влез. С. го сместиле во Клубот на пратеници, тука направиле како импровизирана амбуланта, тука се

симнале, тука бил и првиот повреден полицаец, имало уште еден повреден полицаец и еден од полицајците во обезбедувањето на Министерот за внатрешни, мисли дека се вика А.. Прашале каде е Р. Ш., затоа што неа не можеле да ја видат, им било кажано дека е можно таа да е во амбулантата во Собранието. Сведокот отишол таму, ја земале и неа ја донеле во Клубот на пратеници. Потоа започнала акцијата за извлекување од задниот влез, се сеќава дека таму имало возило тоа бил голф полициски, во него го сместиле С., тој заминал со тоа возило, а со С. заминале и дел од докторите, но го транспортирале во Клинички центар, а не во Градска, било посигурно затоа што тука сепак имало многу луѓе и имало акција на полицијата. Во второто возило влегле сведокот, неговото обезбедување, двајца повредени полицајци и Р. Ш. во задниот дел на возилото и се упатиле кон Клиничкиот центар. Појасни дека С. го маскирале во полицаец, а Р. Ш. во доктор, а идејата за вакво маскирање ја дал сведокот, во тоа маскирање помогнале припадници на безбедносните сили, појасни дека едниот ја дал значката, другиот извадил полициски елек или дуксер кој тој го ставил на главата на С., а значката ја ставил на градите на С. и и рекол на докторката да го извади мантилот, да и го даде на Ш., потоа и ставиле и маска, капа и докторска торба. Не се сеќава точно, кој се од безбедносните структури бил со него, имало повеќе луѓе, не се сеќава од причина што ова бил трауматичен настан, после тој доживеал уште потрауматичен настан и се обидува тие два настани да ги заборави. Се извинува ако некој од безбедносните сили биле до него, а тој не може да се сети на неговиот идентитет и изглед, но знае дека имало доста и сите активно помагале. Сепак го препозна обвинетиот Мунир Пепиќ како лице кое било во просторијата и помагал. Од Клиничкиот центар сведокот повторно се вратил во Собранието, повторно на задниот влез и тогаш веќе било во тек извлекувањето на сите пратеници од СДСМ. Тој влегол во Собранието да види дали има уште некој можеби повреден или некој на кој му е потребна помош, но Собранието било празно. Со В. Ѓ. провериле дали има некои други повредени и потоа си заминале дома и тоа е тоа што е поврзано со настанот на 27-ми. Напомена дека негов впечаток било дека ништо не навестувало дека дента ќе има такво насилство и никој од пратниците кои што биле со него во салата, не прибегнале кон било какво насилство во салата, ниту имало такви обиди, ниту пак имало било какво насилство долу во пленарната седница, отпосле откако дошле и влегле луѓе. Истакна дека од задната страна сеуште имало собрано народ кој што реално бил гневен и вознемирен од тоа што се случило во Собранието со начинот на избор на Претседател на Собрание, со пеењето на албанската химна во Собранието, а сведокот со цел да не го загрози животот и здравјето на возачот на итната медицинска помош, наредил на неговото обезбедување тој да го вози. Атмосферата била многу лоша, тоа што се случило во Собранието со изборот на Претседателот, со пеењето на химната, направило огромен револт, тоа да не се случело дента немало да се случи ништо, сведокот е сигурен дека тоа е така, напоменува дека е сигурен во

тоа од причина што и претходните денови се мирно завршувало, но се случила една таква неочекувана ситуација која што изреволтирала огромен број на луѓе. Сведокот појасни дека го познава обвинетиот Горан Ѓошевски кој е од обезбедувањето на Т. В. и во еден момент заедно со Горан и со уште еден или двајца од внатрешното собраниско обезбедување, спречиле една група да влезе во кабинетот на до тогаш Претседателот Т. В., а Горан бил присутен и помогнал да се смести повреден полицаец во канцеларија, каде што потоа на повредениот, лекари му укажале помош. Појасни и тоа дека Горан и уште неколку припадници на собраниското обезбедување се обиделе да ја спречат групата да влезе во кабинетот каде што биле и службениците од кабинетот на тогашниот Претседател Т. В., а ова се случувало непосредно пред вратата, влезната врата на просторијата каде што седат службениците. Наведе дека не знае како може толпа народ да влезе и како е влезено во Собранието, ова не го знае и не може да го знае затоа што во тој момент воопшто не бил долу и не знае ни како влегле, ни како можеле да влезат, а логично е дека толпата не можела да влезе, освен ако вратите не се отворат или не се скршат, меѓутоа тој не знае дали на 27 април 2017 година вратите на Собранието биле скршени и покрај тоа што тогаш се уште бил пратеник. Појасни дека тој ја напуштил пленарната сала откако веќе бил избран новиот Претседател на Собранието, а кога толпата народ влегла во салата, тој не бил таму, а првиот момент кога се соочил и ја видел толпата, било горе кај кабинетот на Претседателот на Собранието, тоа е кабинет за седница, а потоа се симнале во салата и видел дека веќе таму има луѓе. Сето ова било после 10-15 минути.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што истиот даде јасен, недвосмислен исказ кој е во склад со останатите докази. Истиот појасни на каков начин биле извадени од Собранието З.С. и Р. Ш.. Воедно и овој сведок зборува за насилното однесување на толпата народ при што појасни дека нему не му било дозволено да влезе во Прес Салата.

Сведокот В. М. во својот исказ наведе дека на 27 април 2017 година бил во Собранието кога продолжила конститутивната седница, во 11,00 часот како и обично тој бил присутен, односно од 11,00 часот кога почнала, па претпоставува до 12,00 часот бил внатре во пленарна седница. Бидејќи било веќе досадно секој ден исти муабети, ист концепт, тој отишол во неговата канцеларија 303 која е на третти спрат и од тој момент, не може да се сети точно до колку часот, но претпоставува, сигурно до после 17,00 часот бил во неговата канцеларија и воопшто не излегол од истата, а поточно се симнал пет, десет минути да види што се случува во пленарната пред да замине дома. Откога влегол на пленарната седница се сетил дека го заборавил полначот на мобилниот телфон, ги оставил двата телефона во пленарната сала, се вратил назад да го земе полначот и пак се вратил назад во пленарната сала. Во тој момент се појавил неговиот колега З. С. заедно со колегата С. Р., со кого што се во коалицијата Алијанса за Албанците. За едно пет минути од тој момент

претседавачот на Собранието В. дал пауза од пет минути. Биле во „сала на Владата“, веднаш до Пленарна сала, да се координираат за наредниот ден, петок, дали ќе работаат или не. Со него бил О. С., Е. А., И. Д. од ВМРО и не може да се сети дали бил некој од Беса. Се договориле дека ќе работаат и наредниот ден, петок, се вратиле пак назад во Пленарната сала и веќе било при крај, за пет минути веќе завршила седницата. Во тие моменти се сеќава многу убаво дали било за реплика, дали за збор, дали било процедурално, на говорницата се појавил пратеникот Крсто Мукоски кој ја испеал химната, после што за збор се јавиле А. Г. и Џ. А., но Претседавачот на Собранието Т. В. му дал збор на пратеникот од Беса кој ја испеал албанската химна, а не им дал збор на А. Г. и на Џ. А.. Додека пратеникот ја пеел албанската химна забележал дека неколку пратеници од ВМРО станале на нозе и им кажале на останатите пратеници „Тишина, тишина“, а меѓу нив бил и Д. С., ова со цел да се слуша химната уште подобро и тука завршила пленарната седница, затоа што Т. В. ја затворил.Тогаш мнозинството одлучило да избере Претседател на Собранието и го избрале Претседателот на Собранието, господин Т. Џ.. Појасни дека тие не биле спречени да го изберат господинот Т. Џ. за Претседател, но не било овозможено од говорницата и самата седница да се води од говорница туку веќе сите биле на нозе бидејќи пратениците на ВМРО го окупирале тој дел каде била говорницата. Од кога го избрале Претседателот на Собранието Т. Џ. сите од мнозинството се качиле еден спрат погоре по скалите до Прес салата и сите биле внатре, не може да се сети колку пратеници во салата и колку горе во галеријата, тој лично бил внатре во салата. За едно четири-пет минути откога биле внатре имало еден монитор ТВ внатре во салата и тогаш виделе дека толпата веќе е внатре во Пленарната сала, немало никаков план, не се знаело кој јаде, кој пие, мислел од пратениците, пет-шест души на една страна, пет-шест души на другата страна, десет души на друга страна. Се сеќава многу убаво дека на госпоѓата Р. Ш. и рекол да ги извади штиклите бидејќи не се знае што може да се случи и пратениците еден на друг си кажале да ги вадат кравате бидејќи можело да ги даваат со сопствените кравати. Тој неговата ја извадил и ја ставил во џеб и сите така постапиле. Во тие моменти еден од пратениците од СДСМ не можел да се сети кој бил, зборувал по телефон и им кажал „дечки сами сме нема помош од полицијата“. Во тие моменти како пратеници не знаеле што да прават, не знаеле кај треба да бидат, дали треба да направат некој кордон, дали треба некој план да направат, никој ништо не зборувал, сами инстиктивно, секој одел кај што мислел дека треба да оди. Тој на почетокот пред да влезе толпата внатре, бил заедно со останатите што биле веднаш, напред со З. З. и со сите останати пратеници со Претседателот на Собранието Т. Џ. и се сеќава многу убаво дека имало еден со нив камерман позади него и му рекол да се движи малку понастрана за да има поглед кога ќе влезе толпата. Знае дека камерата имала едно „С“ ама не знае дали била од Сител, дали била од телевизија Сонце. Бидејќи тој лично бил толку збунет, рацете в џеб ги имал цело време. Кога толпата влегла внатре, на

почетокот тој не се плашел толку многу, но кога влегувале тие со фантомки, тогаш не знаеле што ќе им се случи. Тој се движел таму, но ниту еден предмет не го удрил, цело време се движел со рацете во џеб. Во тие моменти знае дека еден од обезбедувањето на Собранието со наочари, не му го знае името, со глава му рекол да се движи од другата страна, тој кога влегувал од левата страна, а од негова десна страна, да се движи на другата страна. Не можел да знае точно што сакал да му пренесе, што сакал да му каже, не со збор, туку со глава и со мимика. Притоа појасни дека дошол и друг човек од обезбедување висок, кој што тој не го познавал и тој човек потоа ги изнел надвор од Прес салата, односно појасни дека имал видено двајца луѓе од собранискиот обезбедување. Во тие моменти на истото место, пак се вратил назад, пак еден метар назад, еден метар напред. Кога веќе одлучил да оди на таа страна што му рекол тој од обезбедувањето, не знае дали било метар или нешто помалку, но се сеќава многу убаво дека еден човек со брада, црна маичка, ќелав, една рака му била позади и само брефтал „уф,уф,уф". После тој поминал позади и објасни дека сега зборува за негова десна страна од другата страна, го видел истиот човек кој имал пиштол во половината, тогаш продолжил да оди на таа страна и заедно со него бил и пратеникот Џ. А., притоа сведокот покажа со десната рака на десната страна од половината на своето тело каде што всушност го видел оружјето кај тоа лице и точно пред сите присутни покажа каде тоа лице го држело оружјето и во која положба истиот се наоѓал. Објасни дека тој се наоѓал како што веќе кажал метар или помалку од метар од тоа лице и бил малку странично, не директно. Наведе дека со негови очи го видел пиштолот или оружјето може да се крсти како се сака, тој не се разбирал од тие работи и немало никакви пречки и го видел тој тоа. Појасни дека не е експерт по оружје за да каже дали пиштолот бил пластичен или метален и се било можно, но кога хипотетички се поставуваат такви прашања тогаш и тој хипотетички ќе даде одговор во смисла што бара пластично оружје на 27-ми во Прес салата, односно што бара човек или лице со пластично оружје или пиштол во таа сала. Истакна дека целиот пиштол не го видел, го видел само во еден дел, во горниот дел, односно тој дел каде што е за раката бидејќи само тој дел се гледал затоа што маичката му била кревната. Сведокот кажа дека по однос на овие околности имал дадено исказ и во Јавното обвинителство и наведе дека и сега и утре и после десет години да биде повикан ќе го даде истиот исказ. Понатаму, наведе дека кога го видел како брефтал тој искрено бил уплашен, но лицето воопшто не гледало во него, претпоставува дека гледал позади групата што била позади него, претпоставува сите пратеници што биле во таа група, значи воопшто не гледало во него лицето, а во таа група биле пратениците З. З. Г.М., З.С.,Т. Џ., актуелниот градоначалник на К., М.Д., тие биле лицата позади нив. Сведокот наведе дека може да го препознае во судницата лицето за кое објасни дека носело пиштол, единствена разлика била што во моментот нема брада, а тогаш на 27-ми имал брада. Истакна дека тоа лице во судницата седи во третиот ред и е облечено во црна маичка, а од

неговата лева страна седи адвокат кој е облечен во кошула, а исто така и од неговата десна страна седи адвокат облечен со сако. Притоа судот констатираше дека свдокот при посочување на ова лице всушност покажува на обвинетиот Игор Југ. Во тие моменти увидел дека еден човек од толпата го влечел С. П. накај толпата, С. П. викал „Немој, немој“ и тој го фатил преку половината С. П. и со другата рака го тргнал тој човек, а било многу тешко да го тргне. После тој и Џ. А., цело време биле на десна страна, нивна страна, или кога се влегува лева страна. Во тие моменти некој човек од толпата претпоставува дека го познавал Џ. А. бидејќи е стар пратеник, му се обратил со зборовите „Единаесет години сте биле со нас, зошто ни направивте вака?“, Џ. А. се трудел да му објасни „Ама чекај, гледај малце“, барал некаква си нострификација да се тргни човекот, после кога се виделе, кога биле заедно со Џ. А. му кажал дека тој човек бил од В.. Не знае колку биле на десната страна, можеби едно четири-пет минути, дошол друг човек од обезбедувањето, не му го знаел името, но бил висок, не многу дебел  и им рекол „Ајде пратеници да ве извадам надвор“, Џ. А. рекол „Па, ајде“, рекол „Чекајте малце“, дошол веднаш и му рекол „Ајде позади нас“. Еден од новинарите, се сеќава многу убаво В. се викал од „Фокус“, сега знае дека презимето му е С., прашал дали може и тој да дојде со пратениците, а со оглед да обезбедувањето не се согласило тој  му кажал на В. да дојди со него и го зел и В. и тргнале накај фоајето, надвор од салата, ги ставиле рацете и притоа покажа како всушност ги ставиле, односно каде ги имале поставено рацете така што двете раце ги стави  на својата глава над слепоочниците. Имало многу народ во Собранието и очекувале дека ќе ги нападнат. Се сеќава дека некоја жена рекла „Еве кај се, еве кај се!“ но човекот од обезбедувањето го извадил пиштолот и отишле и ништо не им се случило, ги извадиле од фоајето и директно ги noселе во амбулантата, а со него биле Џ. А., К. Д. и В. новинарот, при што појасни дека ова се случило во фоајето кога веќе излегле од Прес салата. Внатре во амбулантата го видел и пратеникот Д. С., не знае што правел внатре во амбулантата. Од обезбедувањето им кажале дека таму не е безбедно, па им рекле дека ќе ги префрлат во друга канцеларија, да почекаат тука. Во тие моменти, една до две минути, додека биле внатре во амбулантата, се појавил другиот пратеник од Алијансата, С. Р. кого го прашал каде е З. С., но тој  му рекол дека не знае, бил до него ама не знае каде е. За три-четири минути во амбулантата дошло друго обезбедување, ги зело и ги однело на први спрат во друга канцеларија на Заменик на генерален секретар. Биле заклучени внатре во таа канцеларија и до 22:00 часот не знаеле ништо што се случило ниту внатре, ниту надвор, биле заклучени додека не дошла специјалната полиција да ги извади од таа канцеларија. Кога дошла во 22:00 часот полицијата да ги извади ги носеле во друга канцеларија каде што биле сите пратеници во канцеларијата на ВМРО ДПМНЕ и веќе таму се запознале со сите останати и знаеле веќе што се случило понатаму во салата. Од тој момент не знае колку бил часот кога дошла полицијата, ги зеле со возила за кои не знае стручно како се нарекуваат и ги однеле во

касарната во Ѓ. П.. Во тие моменти еден негов пријател од С., Б. А. му пратил СМС порака со зборовите „Што направи бе он, будала од Беса, дали е паметен човекот што прави!“, тој му одговорил дека човекот не бил од тука и дека тоа било чисто сценарио и наведе дека и после десет или после 50 години да го прашаат тој ќе каже дека тоа било сценарио и тоа го темели на аргументите што ги презентирал, односно дека многу јасно видел дека пратеникот А. Г. и Џ. А. се пријавиле за збор пред пратеникот од Беса, но претседавачот не им дал збор на истите туку му дал збор на пратеникот од Беса и втор аргумент што го темелел тоа што го викал било дека е сценарио е токму тоа значи кога пратеникот од Беса ја пеел химната пратениците од ВМРО на сите останати им викале „Тишина, тишина“, за да може претпоставува надвор уште подобро да се слуша албанската химна, поради што тој лично е убеден дека тоа било сценарио. Сведокот појасни дека ова му е прв мандат како пратеник во Собранието на РМ, односно од декември 2016 година па до денес. При влез во Собранието како пратеници наведе дека ја користат десната страна од Собранието, странично каде што е „Халк банка“ и останатите, има уште една врата на иста дирекција, но 99 посто ја користат само таа врата. Истакна дека главниот влез на Собранието никогаш пратениците не го користат, барем не за овој мандат кога е тој пратеник, немал видено ниту еден пратеник да го користи тој влез, освен Претседателот на Собранието и делегациите. Како пратеник на Собранието немал никакви информации дали тие врати на Собранието биле отворени или затворени во текот на денот додека е работниот период, ниту знаел дека се ставала некаква даска или што и да се ставало таму. Кога се случил 27-ми тогаш видел дека имало и нешто што се ставало на таа врата и на останатите врати, а до тој момент воопшто не знаел дали биле отворени, дали биле затворени. Исто така наведе дека пред 27-ми април не знаел дали тие врати можеле едноставно да бидат отворени од надворешната страна, но сега знае дека од надворешна страна никако не можат тие да се отворат, туку истите можат да се отворат само од внатрешната страна на Собранието.

Сведокот во својот исказ даде хронолошки опис на настаните од 27 април 2017 година, при што истиот на јасен, категоричен и недвосмислен начин појасни дека во Собранието влегла толпа народ меѓу кои имало и лица со фантомки. Тој наведе дека меѓу нив имало и лица со оружје при што даде опис на лице со брада, црна маичка, ќелав, на кој една рака му била позади и само брефтал „уф,уф,уф“ и се движел, а во судница зборувајќи за тоа лице го посочи обвинетиот Игор Југ. Истакна дека ова лице воопшто не гледало во него, претпоставува дека гледал позади групата што била позади него, а тоа биле пратениците З. З., Г. М., З. С.,Т. Џ., актуелниот градоначалник на К., М. Д.. Меѓу останатото овој сведок наведе дека настаните од тој ден било сценарио во кое спаѓа пеењето на албанската химна. Неговиот исказ е во склад со останатите докази заради што судот поклони верба на исказот на сведокот.

Сведокот З. З.  наведе дека за прв пат е избран за пратеник во Собранието во октомври 2003 година, пратеник бил до април 2005 година, а од април 2005 година до декември 2016 година, бил Градоначалник на Општина С., во декември 2016 година бил избран за пратеник повторно во Собранието на РМ и тоа до крајот на мај 2017 година кога во Парламентот е избран за Претседател на Владата на РМ. Појасни дека на 27.април 2017 година во Прес салата на Собранието додека ја држеле прес конференцијата, на вклучените монитори во самата Прес сала виделе дека во Собранието влегува толпа од граѓани, па како и секој нормален човек, така и тој и колегите пратеници биле исплашени, посебно колешките пратенички и се обидувале некако да се заштитат од можен налет за евентуален напад врз нив. Нему му пристапило лице, претпоставува дека било член на собраниското обезбедување и му понудил евакуација од Парламентот која што тој не ја прифатил заради тоа што тоа се однесувало само за него, а не и на другите колеги. Додека тоа се случувало, веќе граѓаните кои што ги виделе на екраните како влегуваат во Парламентот, биле стасани до пред вратата на Прес салата во Собранието и правеле напори да ги отворат вратите за да стигнат до нив, пратениците. После тоа за неколку секунди и неколку минути вратите биле отворени и влегле луѓе кои што без било какво размислување тргнале да ги напаѓаат сите пратеници кои што се уште биле во Прес салата. Појаснува дека дел од пратениците биле на катот од Прес салата или терасата затоа што и од таму веројатно го следеле пресот кој што го држеле, а еден дел веројатно биле надвор од Прес салата, во ходникот. Со влегувањето на овие сограѓани во Прес салата директно лично тој, а и сите пратеници околу него биле изложени на директни физички напади и секако и вербални напади. Според него, тоа траело веројатно безмалку два часа, каде што покрај со вербални навреди била употребувана и закана како „убиј го З.“, „убиј ги пратениците“, „фатете го како можете“ и слично, паралелно со тоа трпеле директни физички удари, најчесто со предмети, но паралелно со тоа и со тупаници и со клоци. Во целиот тој амбиент, тој и колегите пратеници биле раскрвавени по неколкукратни удари кои што ги добиле и по главата и по телото, каде што тој само во пределот на главата имал расекотини вкупно шест, од кои што три на лицето. Дел од луѓето кои што биле со недвосмислено насилно поведение, се обидувале на секој можен начин да дојдат до состојба да одземат живот. Знае што значи тепачка и некој да се степа, но неполни 2 часа лично тој, секоја секунда чекал да го изгуби животот. Се обидувале со сталаците од камерите, со метални предмети од столбовите и масите кои што биле затекнати во Прес салата, со гајтани кои што веројатно биле во Прес салата, дали од микрофоните или од самата сала, не може да каже, правејќи алки за да веројатно фатат дел од нивното тело за да можат да бидат одвлечени преку нивното лично обезбедување кое што стоело помеѓу пратениците и луѓето кои што ги напаѓале. Во целиот овој временски период, покрај нивното обезбедување и тие лично сами се брaнеле заради тоа што веројатно е природно и човечки да се брани сопствениот живот и верува дека и одбраната која што ја пружиле била

пресудна за да бидат сочувани животите. Се смета себе си за разумен човек и знае да процени кога е намерата некој да биде повреден, физички и толку, тука да застане, а кога е намерата на некој да му биде одземен животот. Тој лично жали за сите тие настани кои што се случија, пред се од човечки аспект, но среќен е што нема човечки жртви затоа што до ден денеска не може себе си да си објасни, ниту пак да прифати да види негови сограѓани кои што толку омраза и зло носат во своите очи, посегнувајќи на било кој начин да допре до свој сограѓанин за да му одземе живот. Лично само на филм има гледано вакви сцени и се труди колку што може да ги заборави. Она кое што било најстрашно во целиот овој временски период додека траело насилството врз пратениците, бил моментот кога гледале дека во вториот ред, веднаш после напаѓачите, се шетаат луѓе кои што се однесувале наредбодавачки и буквално шарајќи со очите или главата се труделе да најдат чиста мета веројатно за да маваат со нешто или да пукаат. Вели да пукаат, заради тоа што во тие неполни два часа, било јасно забележливо дека дел од луѓето на своите каиши на половината носеле огнено оружје кое што во цел овој период, на без малку два часа и да не сака човек не може да не го примети тоа. Појаснува дека буквално во тие моменти човек стрепи  кога ќе треба да клекне доле заради можен истрел или заради можно повлекување на пиштол од дел од луѓето е најтрауматичниот момент кој што за него се случувал и веројатно заради тоа тие два часа изгледале како една вечност. За време на нападите, посебно после првиот час, се обидувале да бараат помош јавувајќи се на официјални службени лица преку колегите пратеници кои што биле позади него. За жал, не успеале во ниту еден момент да добијат информација дека ќе дојде полицијата за да го прекине тој хорор што се случувал. Она кое што сака да го додаде е дека во еден момент додека биле нападнати се случила дополнителна трауматична состојба со извикот на зборовите на дел од луѓето, кога слушнал „З. ти си следен“, „З. ти си следниот затоа што пратеникот С. го убивме, еве го каде лежи мртов, ти си следниот, а после тебе и другите“. Наведе дека во масата на некој простор, веројатно некаде од десеттина до петнаесет метри, јасно се гледало тело кое што е распослано по земјата, се препознавал ликот дека тоа е пратеникот З. С., кој што бил облеан со крв и во тој момент навистина мислеле дека тој е мртов. Тој лично верува во себе дека и напаѓачите веројатно денеска се каат за оваа работа и веројатно е природно секој да се покае за било која грешка што ќе ја направи во животот и негова должност е да сподели се што чувствувал и што веројатно нема никогаш да го заборави додека е жив, иако лично тој простува. Појасни дека во целиот овој период, се додека не дошла полицијата да ги евакуира, тој бил многу исплашен, се молел луѓето да престанат со нападите и велел: „Немој, луѓе сме“ и слични зборови кои што целиот овој период ги користел. Истакна дека има моменти кога човек се брани со своите екстремитети и рацете, истовремено молел да престанат заради тоа што веќе биле облеани скоро сите во крв. Напоменува дека каква и да е целта, истата била постигната,

затоа до самиот крај, додека не влегле полициските сили, тој и колегите често извикувале молење за да се престане. Појасни дека заради тоа што помеѓу сите тие луѓе кои што биле помеѓу него, односно нив пратениците и таквите лица кои што со поглед барале чиста мета, тешко можеле да обезбедат вистинска чиста мета, а веројатно и немале доволно храброст да ја завршат работата која што ја намерачиле, меѓутоа видел и со сигурност потврдува дека на неколку пати во тој период видел луѓе кои на каишот на половината носеле огнено оружје, односно пиштол. Напоменува дека неколкумина успеале да дојдат блиску до него и тогаш му ги задале ударите, доколку не би успеале да му се приближат, во тој случај и не би можеле да го удрат ниту со тупаница, ниту со нога. Појасни дека јасната намера да се ликвидира човечки живот употребувајќи огнено оружје, го става во психолошка состојба да тоа го направи на начин на кој што нема да се еспонира себеси до толку да и се доближи на можната жртва на која што се намерачил да и го одземе животот. Напомена дека личност која што е прилично корпулентна, висока над метар и деведесет, која што носи маица на хрватски одбранбени сили, ќелав, тој донел веќе во себе одлука да влезе вооружен во Собранието за да оствари одредена цел, но покрај тоа што немал коса, немал и доволно храброст тоа да го стори. Секако, појаснува дека тоа е само негова претпоставка и тој не може да докаже дека некој бил спремен да пука, но поради немање чиста мета и немање доволно храброста, обвинетиот не пукал или било кој присутен во Прес салата на Собранието, а кој со себе носел оружје. Напомена дека ставањето на раката, на местото каде што стои оружјето, за него е посегнување кое што може да биде употребено до самиот крај доколку се створи јасна прилика за тоа, во конкретниот случај не бил вперен пиштол кон него или кон некој од колегите, меѓутоа движењето во вториот ред на учесници во насилството, лице кое што се движи лево и десно со поглед бара да најде чиста мета и притоа раката му е поставена буквално на појас каде што неколкукратно се гледало дека е оружје, за сведокот тоа е посегнување по оружје, само се очекувало да се створи прилика и тоа до крај да биде употребено. Сигурен е дека не се работи за друг предмет од причина што пиштол кој се носи и става на каиш не може да не се забележи. Истакна дека со сигурност може да потврди само за едно лице дека имало оружје во моментот кога биле нападнати во Прес салата. Со сигурност потврдува дека имало собраниско обезбедување, но не може да потврди дали помеѓу толпата луѓе која што ги напаѓала и тие кои што биле нападнати, имало собраниско обезбедување. Појасни дека прес конференција значи кога тој или тие што даваат изјава за новинарите остануваат до крај и на одговорите на прашањата од самите новинари, меѓутоа тие не дочекале да добијат прашања од новинарите, колку што тој се сеќава. Наведе дека прес конференцијата во одреден момент била прекината, согласно тоа очигледно не можеле на јавноста да и соопштат се што сакале, самиот прекин на прес конференцијата значи незавршување на самата прес конференција до крај за да биде се до крај соопштено на јавноста. Истакна дека Претседател на Собранието во

вакви околности е избран кога тоа ќе биде објавено во „Службен весник во РМ", а целта на прес конференцијата била да ја објаснат комплетно деловничката процедура, законската и уставната, каде што после 30-на дена во Собрание, парламентарното мнозинство согласно Устав, Закон и Деловник, има донесено одлука за избор на Претседател на Собрание, кое што станува конечно со објавувањето на истата одлука во „Службен весник" на РМ. Наведе дека како пратеник кога доаѓал во Собранието ја користел вратата која што гледа према Домот на армијата и вратата која што гледа према поранешно МНР. Веројатно еднаш или двапати ја користел и вратата која што излегува на сосема спротивната страна, односно на страната према колективните згради или према Градска болница, а не таа главната, значи на улицата која што доаѓа на семафорите пред Градска болница, а како Претседател на Влада, исто така е присутен во Собранието и влегува на главната врата на Собранието, кој е официјален и службен влез на Собранието. Сведокот не можа со точност, дури и од оваа позиција која што денес ја извршува, да потврди кој се може да ја користи главната врата и официјалниот службен влез во Собранието, но знае дека кога бил пратеник не му дозволувале да влегува на главниот и службен влез, а сега како Претседател на Влада го спроведуваат службите директно на главниот влез, а се случувало некогаш да излезе и од влезот према МНР. Во врска со заштитата на вратите на Собранието и дали воопшто имаат посебна заштита, наведе дека тоа што го знае и како пратеник и како Претседател на Владата, знае дека постои протокол за заштита на Собранието или парламентот на РМ, дел од тој протокол се веројатно челични шипки кои што се поставуваат на самата задна врата на Собранието, односно на делот што влегува внатре во Собранието како дел од заштита на вратите за влез во Собранието, има заштита во Собранието во делот на камери, тоа го знае, има заштита делот на Собранието во одредени протоколарни работи како што се излез за евакуација, има гаража некоја подземна која што води надвор од него во случај на заштитна мерка на самиот објект на Парламентот и тоа е толку што го знае, но видел со свои очи дека постојат заштитни шипки, не ги фатил дали се метални или дрвени, тоа не му е познато, но знае дека постојат заштитни шипки кои што се на влезната страна, односно на внатрешната страна на Собранието, мисли на делот кој што гледа напред кон самото Собрание. Смета дека доколку во нормални околности нема ставено шипки, тогаш веројатно дел од вратите можат со посериозно напрегање да се отворат, а ако се заштитени со шипки, верува дека не постои сила што би можела да ги отвори, мисли на човечка сила.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што истиот е јасен, конкретен, категоричен, недвосмислен и е во склад со доказите. Сведокот даде хронолошки опис на настаните при што појасни дека во Прес салата видел лице со оружје при што го опиша тоа лице, а воедно го посочи обвинетиот Игор Југ како лицето со оружје и притоа јасно посочи дека тоа лице барало чиста мета за да може да го употреби пиштолот.

Истиот зборува за нападите од толпата народ, за директни физички напади и секако и вербални напади кои траеле безмалку два часа, а истакна дека со вербални навреди била употребувана и закана како „убиј го З.“, „убиј ги пратениците“, „фатете го како можете“. Токму затоа и тој и пратениците биле исплашени. Воедно и овој сведок зборува со кои предмети биле удирани, а станува збор за сталаци од камери, метални предмети од столбовите и масите кои биле затекнати во Прес салата, но биле удирани и со клоци и тупаници. Правеле и алки од гајтани за да веројатно фатат дел од нивното тело за да можат да бидат одвлечени. Од исказот на сведокот меѓу останатото јасно произлезе дека во вториот ред, веднаш после напаѓачите се шетале луѓе кои се однесувале наредбодавачки.

Во својот исказ сведокот О. С. наведе дека за прв пат станал пратеник во Собранието на РМ во 2006 година, потоа во 2011 година и во 2016 година. Појасни дека на 27 април 2017 година, како пратеник бил на седница, односно на продолжение на конститутивната седница на Собранието на РМ и по завршувањето на седницата, односно по прекинување на седницата од страна на тогашниот претседавач Т. В., се продолжила седницата на парламентарното мнозинство и притоа најголемиот дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ дошле до масата каде што се претседава со седницата, додека пратениците од парламентарното мнозинство останале на своите места и ја продолжиле седницата така како што е пропишано во Деловникот на Собранието. Бидејќи биле свртени на другата страна према галеријата на Собранието, таму биле присутни сите медиуми, најстариот пратеник во Собранието, господинот Ф. М. врз основа на членовите на деловникот, тој назначил свој заменик, а тоа е пратеникот Г.М.. Продолжила седницата со избор на Претседател, бил избран Претседател на Собранието без да има дискусија, притоа била дадена свечена изјава во Собранието и потоа се обратил Т. Џ. пред Собранието на РМ. Веднаш после тоа излегле од салата за пленарни седници, во холот и се упатиле према Прес центарот заради тоа што имало новинари и имало закажано прес конференција во салата на Прес центарот. Кога излегле надвор, едно лице од неговото лично обезбедување било во ходникот, тоа е С. Т., заедно со него се качиле кај Прес салата, таму влегле дел од пратениците, влегол и Претседателот на СДСМ З., а влегол и Претседателот на Собранието. Сведокот се качил на галеријата во салата. Првично не влегол во галеријата дури да почне прес конференцијата, а кога започнала прес конференцијата влегол на галеријата почнал да се обраќа Џ. пред присутните на конференцијата и за кратко време излегол пред влезната врата на галеријата каде имало неколку луѓе од внатрешното обезбедување на Собранието, имало и други пратеници и во еден момент луѓето што биле во галеријата почнале да зборуваат дека почнуваат да влегуваат луѓе во Собранието на РМ. Потоа полицаецот што бил внатрешно обезбедување на Собранието рекол дека се уште нема влезено никој во Собранието, дека вратите се затворени и нема луѓе во холот на Собранието. Тогаш тој влегол уште

еднаш во галеријата, за многу кратко време бидејќи има монитори поставени во салата, а тие ги има и ден денеска, тука бил вклучен сигналот и на собранискoто, односно видео надзорот на Собранието, меѓутоа на еден од мониторите можело да се види и сигналот на една од телевизиите. За многу кратко време, не може точно да процени, меѓутоа за кратко време се отвориле вратите и почнале да влегуваат луѓето во Собранието меѓу кои имало една група која што влегла со фантомки, а кога почнале да влегуваат, тој тогаш излегол од галеријата и почнал да се симнува према холот пред салата за прес конференцијата, за да влезе внатре во салата за пресот, веќе кога се симнал во холот, дел од таа група можеби петнаесетина луѓе според негова проценка, со фантомки биле веќе влезени во холот тука пред Прес центарот. Тој влегол во салата внатре, потоа вратите од Прес салата се затвориле, а внатре имало пратеници,  новинари, снимaтели. Еден дел од пратениците биле на галеријата, тие кои што ја следеле прес конференцијата од галеријата и бидејќи биле затворени вратите, знаеле дека е можно да се влезе. Најпрвин, поставиле неколку маси и им помагале во тоа за да може дел од пратениците да се симнат од галеријата во салата на Прес центарот затоа што сметале дека тука би биле можеби побезбедни. Се поставиле две маси, се симнале неколку пратеници од галеријата внатре во салата каде биле тој, З. З., М. Д., Б. Б., Е. А., З. С., Р. И., Г. М., биле дел од новинарите, снимателите. Колегите што се симнале од галеријата, а мисли дека биле К. К. од С., М.С. и не може да се сети за другите. Појаснува дека еден дел од масите биле наредени и до вратата, се со цел да биде блокиран влезот на вратата. Така останале можеби  петнаесет до дваесет минути, не влегувале луѓе во салата, тие биле внатре, но еден момент се отворила вратата, влегол С. Т., претходно кога се симнале за да влезе во салата, тука бил началникот на внатрешното обезбедување на Собранието во тоа време А. Ј., кој што извесно време спречувал некои луѓе да влезат во Собранието. Внатре во слата влегол С.Т., влегле уште неколку луѓе и веќе почнале да влегуваат сите со фантомките кои што почнале да ги напаѓаат, а пратениците биле практично доведени сите во еден ќош, а тоа бил ќошот од десна страна што доаѓа на салата и се свртеле кон влезот на вратата. Влегле и други луѓе кои што не биле со фантомки, а влегле во Собранието кои што почнале да ги напаѓаат, да удираат, да ги фрлаат масите, столчињата, да удираат со сталаци за камери, со летви кои што ги ваделе од масите од страна, ги гаѓале со столици,  извикувале „Ќе ве убиеме, сите живи нема да излезете од тука. Ќе те убиеме З. тебе, Џ., С., тебе кумановец ќе те убиеме“, и по другите пратеници исто така и имало страшен набој во тој момент. Дел од луѓето кои што влегле на почетокот кои што не биле со фантомки и ги препознале кои се тие. Еден од нив познатиот веројатно на пошироката јавност како Б. Г. со слика на С. М. во рацете, викал „Сите ќе ве убијам до еден, ова што го правите“. Од фотељите го ваделе долниот дел, поточно железниот дел со тркалцата и со тоа мавале по нив. Дел од тие предмети кои што ги фрлале, пратениците ги земале  за да ги стават позади нив за да не бидат

истите повторно употребени од страна на тие кои што фрлале и удирале по нив. Реакција немало никаква и од никого. Неколку пати побарал од обезбедувањето, дополнително после тоа влегле и другите двајца од неговото обезбедување, тоа биле Љ. Ј. и А.А., практично биле тројца, а тука бил и еден од обезбедувањето на З. З., С. Т., да комуницираат со некои од полиција за да дојдат и да помогнат, меѓутоа им кажале дека немаат намера до тој момент. После тоа во целата таа гужва која што настанала, видел дека напаѓачите ги ваделе каблите од камерите, правеле јамки, едната била фрлена кон З., меѓутоа брзо ја повлекле и не можеле да го закачат. Фрлиле уште една јамка која што тој ја фатил со рака, а и уште неколку колеги ги одземале јамките, а тоа го правеле за да можат да ги фрлат под нозе како не би можеле повторно да бидат употребена. Во тој момент од сите страни летале предмети кои што биле во салата, го видел З. како бил целиот раскрвавен и другите кои што биле директно удрени со некои предмети. Сведокот бил удрен со една дрвена столица, после тоа со некој дрвен предмет, имал и фрактура на носот. Во еден момент еден од полициските службеници кој што бил во неговото обезбедување, а тоа е А.А., ја извадил службената легитимација и викнал дека е полиција и дека има загрозени придружниците, им се обратил на напаѓачите да застанат, да се повлечат, уште еднаш ги предупредил, меѓутоа тие не застанувале и тогаш испукал еден куршум во воздух. Како поминувало времето имало дел од луѓето кои што веројатно се охрабриле да покажат дека можат и без маски да напаѓаат, дел од нив ги ставиле фантомките во џеб, дел од тие ги препознал, дел имало и луѓе кои што биле и вработени во МВР, а биле во делот на напаѓачите, меѓу кои и лице кое го викаат Џачка. Игор Југ бил исто така присутен со таа маица, него го познава бидејќи тој е од К. и истиот неколку пати се фаќал за појасот и сведокот претпоставува дека се фаќал за пиштол. Истакна дека постојано оделе заканите кои што претходно ги кажа дека ќе ги напаѓаат, ќе ги убијат, дека нема жива глава да извлечат од тука, а им се обраќале и со други некои погрдни зборови. Имало во еден момент некое момче кое имало боксирач на раката, а кое сведокот подоцна не можел да го препознае на ниту една на фотографиите, кој што одел постојано лево десно, од една страна на друга, на придружниците удирал, замавнал према сведокот и практично како што стоел А. А., полицискиот службеник, всушност него го удрил и тоа во горниот дел од усната, му ја скинал и после тоа замавнал со некаква метална цевка, претпоставува дека тоа било како ногарка од една од масите, па сведокот два пати бил удрен во глава, имал и удар на вратот блиску до каротидата, бил раскрвавен, меѓутоа немал посериозна повреда, има само лузна. Во целата таа гужва, видел пред него дека една група на луѓе тепаат некого, меѓутоа не можел да ги види луѓето кои тепале, бидејќи биле свртени со грб према него, ниту можел да види кого го тепале, само таа слика ја гледал така оддалечено. Исто така, дел од луѓето кои што биле во салата, биле задолжени за обезбедување во Собранието, меѓу кои бил и Оливер Поповски – началникот, кој стоел на врата, еден од обезбедување на сведокот, а тоа е С., им се обратил да

превземат мерки, на тоа Оливер Поповски рекол дека немаат наредба. Напомена дека тука имало уште неколку полициски службеници, смета дека секој полициски службеник треба да делува врз основа на законските прописи секаде каде што е загрозен животот, здравјето и имотот на луѓето. После некое време откако го изнеле човекот што го тепале, го чул извикот на еден од присутните „го заклавме С., сега си на ред ти З.“, тогаш сфатиле дека човекот што напаѓачите го тепале, всушност е С.. Скоро и да немало пратеник кој што не бил повреден. После извесно време, а сведокот не може да каже после колку време влегол пратеникот В. Ѓ. кој што дошол и застанал практично пред групата насилници кои што влегле и пред пратениците, почнал да ги раздвојува, почнал да ги смирува нив и побарал дел од нив да застанат и во одбрана на пратениците, тоа го направиле двајца или тројца луѓе, па застанале со него во одбрана, за едниот мисли дека е З., кандидат за пратеник на ВМРО-ДПМНЕ за Америка. Притоа, бидејќи имале повреди, крвавеле сите, а во еден момент, со едно остро дрво, една летва, веројатно бил повреден пратеникот Љ. Н. на кого му висело парче од кожата во главата и крварел обилно. Појасни дека еден од присутните, поточно еден од тие кои што застанале практично во одбрана со Ѓ., му дал парче, половина од црна маица која што ја имал на себе, му ја дал за да го сопре крварењето и рекол дека тој како патриот нема да дозволи како, ниту еден Македонец да умре и тие ќе направат се за да ги спасат. Половината од таа маица, сведокот му ја дал на Н., остатокот го користел самиот сведок, му дал и на З., се со цел тоа обилно крварење, колку толку да го сопрат. Еден од присутните кој што дошол со луѓето, сведокот не го познава, носел чадор во рацете и со истиот ги удирал сите по ред, кај што ќе стигнел и до кого можел да стигне и во еден момент, Ш. му се обратил и му рекол: „Колку пари да го купам чадорот, ама немој да не удираш“! Лицето што го носело чадорот на ова одговорило „500 денари ќе ми дадете“, по ова Ш. му дал илјада, го земал чадорот и човекот потоа излегол од салата. Истакна дека другите пратеници, иако В. Ѓ. ги повикувал на телефон, да дојдат сите во салата и да помогнат немало друг кој се качил во салата. Не може да каже колку време траеле нападите, но се работи за подолго време и за цело време на нападот немало никаква реакција од полицијата или од било кој друг, освен од В. Ѓ. и од двајца-тројца луѓе кои што беа дел од напаѓачите, што тој ги повикал. Во еден момент влегол поранешниот пратеник В. Г., него го познава, му се обратил и му рекол: „Е Оливер, што направивте“. Меѓутоа, не останал ниту да ги одбрани, туку после некое време излегол надвор од салата. Напомена дека сите тие во тоа време се чувствувале беспомошни. Сведокот бил апсолутно убеден дека жива глава од таму тие нема да извадат. Игор Југ неколку пати го гледал како се држи отпозади, претпоставува дека носел пиштол. Имало извик во салата, „падна пиштолот, на некого падна пиштолот“, меѓутоа тој не видел на кого, а во еден момент дошло и до гасење на светлото во салата, тогаш помислил тоа е моментот во кој што ќе делуваат со оружјето, меѓутоа такво нешто не се случило. Претходно оделе на монитор, ТВ Нова мисли дека

пренесувала сигнал и тоа во дел што се случувало внатре, час што се случувало надвор, меѓутоа тие не можеле тоа да го следат бидејќи имале други грижи. Во еден момент знае дека му се обратил на Т. Џ. кој што бил позади нив и дури и седел долу на подот, му рекол да го побара тогашниот Министер за внатрешни работи и да бара интервенција на полицијата. Се слушнале, му рекол дека се организира да се интервенира, меѓутоа таква интервенција немало. Некаде можеби повеќе од два часа, два и пол часа, не знае точно после колку време, но знае дека во еден момент во салата влегол И. А.-П. задно со уште неколку полициски службеници, припадници на Алфа и тие се приклучиле на помошта да ги разделат пратениците од луѓето, знае дека се појавил Н. Т. на врата, почнале да викаат, тој излегол надвор и повеќе не се вратил во салата. Во еден момент се слушнала експлозија, детонација и првично не знаеле што е, меѓутоа им кажале дека е најверојатно шок бомба на одредена група полицајци кои што биле специјална единица. После некое време, можеби после петнаесетина минути се слушнала уште една детонација и тоа било пред салата, тогаш веќе вратите биле отворени, тоа било пред сала во холот кога се слушнало, имало силна детонација, уште една шок бомба. Прво влегле двајца припадници на специјална единица, после влегле уште една друга група, се расчистиле луѓето, се симнале од таа сала од холот и им рекле бидејќи се створило многу чад внатре, да дел од тие маици, што ги имале со нив, да ги натопат со вода, да ги стават на устата и на носот за да можат да дишат бидејќи таа просторија внатре нема прозори и нема можност да биде отворен прозор за да има проветрување. Пробале да отворат дел од стаклата, тоа се практично имитации на прозорци, знае дека од левата страна каде што тие стоеле, скршиле едно стакло, меѓутоа од таму имало ѕид, им рекле да се подготат да ги носат, да ги извадат. Се спремале, најпрвин излегле дел од новинарите кои што биле во салата, камермани, итн. Пратениците биле сите заедно, пред него бил полицискиот службеник А.А. кој што очигледно било дека многу искрвавил и бил исто така тешко подвижен, меѓутоа сеуште стоел на нозе и се движел, сведокот го фатил него за каиш, а за каишот на сведокот одпозади го фатил Т. Џ., од десната десна страна на сведокот бил З. З., тука бил Љ. и сите заедно излегле од салата на Прес центарот. В. Ѓ.на неколку пати се враќал за да види уште колку луѓе има и ги однеле веднаш во холот лево, поточно ги однеле во канцеларијата на В. Ѓ.. Таму биле присутни новинарите и пратениците кои претходно биле изнесени од Прес салата. Појаснува дека од моментот кога виделе дека влегуваат луѓе со фантомки, до моментот додека истите се качиле до Прес салата, поминало многу кратко време, а тоа укажува на фактот дека имало некој кој што им покажувал каде да се движат, бидејќи не е така едноставно и лесно да се влезе на тоа место во Прес салата и ако се оди од кај кабинетот на Претседателот на Собранието, тогаш треба да се поминат врати кои што имаат електронски брави, тоа значи дека некој мора да ги отвори за да се помине, а ако се оди од кај пленарната сала, практично во холот на пленарната сала, исто треба да се знае по кои скали треба да се искачува нагоре, тоа не може да го направи човек

кој што првпат влегува во Собранието. Истакна дека кога влегле во просторијата на В. Ѓ. кај што биле останати колеги пратеници, новинарите, тогаш А.А.-полицискиот службеник веќе паднал, не можел да стои на нозе и тогаш го легнале на под и тоа помеѓу работното биро и коференциската маса која што се наоѓа во ќошот на канцеларијата. Во канцеларијата едни седеле на книги, некои седеле долу, тука покрај сведокот биле и Џ. А., Е. А., Р. И., З. З., Б. Б., Љ. Н., М. Д., практично тие кои што биле повредени. Остатокот од колегите пратеници отишле во други некои простории каде што се сместиле. Во еден момент новинарката Д. М., рекла дека Ѓ. И. има закажано прес кофнеренција во 22:30. Тој тогаш прашал за да знае колку е часот, па му кажале дека е 22,00, што значи дека во тоа време дошле во канцеларијата на В. Ѓ.. Напомена дека тој немал предвид дека сите тие настани започнале некаде околу 18:20 часот, што значи временскиот период е тој во кој што тие биле внатре во салата на Прес центарот. Навистина бил изненаден, во тој момент седел, заради тоа што и во просторијата во која што биле тие, влегувале дел од луѓето кои што биле со фантомки, ги носеле фантомките во џеб. Тогаш го прашал И. А.-П. зошто се тие луѓе тука, добил одговор дека тоа не е битно, битно е дека излегле живи од таму. Еден од нив за кој сведокот не знае како се вика, рекол дека кога Иванов ќе прогласи воена состојба сите ќе ги земат од тука и ќе ги затворат, на ова сведокот му рекол дека тие биле спремни во мртовечки сандаци да ги изнесат, а не да се плашат од тоа дека ќе биде прогласена воена состојба и дека ќе бидат затворени, по ова го избркале него надвор од просторијата. Меѓутоа, бил вчудоневиден од тоа дека полицијата, ниту еден од тие кои што биле внатре, кои што ги напаѓале, кои што ги тепале, кои што биле подготвени да ги убијат, полицијата не привела никого, изгледало како полицијата да дошла на некаков концерт, од кој што требало неколку да извади од толпата, другите си останале, си седеле. Тој не може да замисли дека полиција воопшто не реагирала во услови кога има луѓе кои што во тој момент го нападнале највисокиот законодавен дом. После влегувањето на тие полициски службеници специјалци, значи се си останало нормално. Во еден момент, во просторијата влегол Н. Т. со една медицинска екипа, бил видно возбуден, ги прашал како се, оставил тука медицинска екипа која што вршела преврски и таа екипа им ги санирала повредите. После ова Т. им рекол дека ќе оди горе, им рекол дека има друга медицинска екипа каде што бил З. С., за да можат да го изнесат, а полицискиот службеник А. А. бидејќи веќе паднал во бесознание, полицајците внеле некоја даска, врата, не знае точно што било и потоа на тоа го изнеле надвор за да можат да го транспортираат со возило до болница. После некое време, внатре влегол Началникот на Единицата за јавен ред и мир, З. С. и му рекол да се подготвуваат за транспортирање, дека ќе ги изнесат од тука со возила за да ги транспортираат. Им кажал дека треба да ги однесат во касарната Ѓ. П., при што им рекол и тоа дека ако сакаат ќе ги однесат некаде на друго место, на што истите одговориле дека сакаат да ги однесат таму каде што им е планот за носење. Појасни дека најпрвин заминале колешките

пратеници и потешко повредените, на крајот останале тој, З., Џ. А. и Љ., значи со последниот транспортер и Ф. М. мисли дека се качил долу. Како излегле од просторијата на В. Ѓ., целиот ходник сеуште бил полн со луѓе со фантомки, со дрва фрлале, лупале, ништо апсолутно не се направило, само се направил кордон и се овозможило тие да се симнат долу и практично преку гаражата на Собранието, во која исто така имало една група на луѓе, со полицајци заминале на излезот и со транспортно возило ги однеле до касарната во Ѓ. П.. Таму биле сместени во мензата на касарната Ѓ. П., каде имало и дел од колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ кои што биле во Собранието, што значи дека и тие биле однесени во касарната, меѓутоа со нив немале никаква комуникација. Останале извесно време внатре, при што дел од полицајците кои што го познаваат, дошле до него и му кажале дека ова што се случило е срамота, дека никој не ги собрал и не им било дозволено да делуваат во ваква ситуација, му рекле и тоа дека ваквото однесување е срамно и за нив и за полицијата. Појаснува дека ова што се случи е пораз за сите, меѓутоа нема што да се одговори за таков настан во кој сите тие биле целосно во крв. Од касараната, тие си заминале со приватни возила, што значи дека превозот од касарната не им бил организиран, не заминале со полициски возила, туку со приватни возила од партијата и од касарната отишле во седиштето на СДСМ. Тие не сакале да одат на контрола на Клинички центар, иако тоа претходно им било понудено, а ова од причина што ако можеле да се организираат и да влезат во законодавниот дом и при тоа да имаат сериозна закана за убиство, тогаш очекувањето е реално да се организираат и да влезат во Клиничкиот центар и сигурно во тој случај немало да бидат заштитени. Ова е причината што отишле во зградата на Социјалдемократскиот сојуз каде што имале организирано медицински екипи и таму им била дадена лекарска помош, направено било шиењето, првичната помош во делот на фрактурите кои што ги имале и не знае точно кога, но сигурно после два и пол - три часот, дел од луѓето си заминале, а тој заминал за К.. Претседателот З. останал во зградата на партијата. Наредниот ден во 17:00 часот на повик на Ж.М., имале детален лекарски преглед и З. и сведокот, а за тоа била сочинета комплетна медицинска документација која е доставена до Јавниот обвинител преку неговиот полномошник. Тоа биле настаните што се случиле во Собранието. Појасни дека додека траеле нападите, почувствувал страв, беспомошност, но и разочараност заради тоа што државата нема институции кои треба да штитат, туку дозволува да се рушат институциите на државата. Кај него се појавило и чувство на згрозеност поради што со дел од тие луѓе претходно седеле, заедно поминувале денови и денови во Собранието и токму тоа всушност го предизвикало чувството на несигурност не само кај нив туку и кај нивните семејства кои сите случувања ги гледале на малите екрани во нивните домови. Појасни дека на мониторот во Прес салата одела снимка од холот на влезот на Собранието и на таа снимка тој видел кога луѓето влегле во Собрание, а не во салата за Прес центарот или холот од Прес центарот. Воедно

напомена дека тој не знае каде има видео надзор во Собранието, иако тој долги години е пратеник.

Исказот на сведокот е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите докази, заради што судот поклони верба на исказот на овој сведок. Истиот даде хронолошки опис на настаните, зборувајќи за лица со фантомки, лица кои насилно се однесувале кон нив, а воедно зборува и за тоа со кои предмети биле нападнати, а тоа биле маси, столчиња, сталаци за камери, летви кои што ги ваделе од масите од страна, а некои правеле и јамки од каблите на камерите. Воедно истиот зборува и за искажаните закани во смисла дека ќе бидат убиени. Меѓу останатото истиот сведочи и за однесувањето на обвинетиот Игор Југ и неговата претпоставка дека носел пиштол, но иако го употребува зборот „претпоставувам“ сепак и во овој дел неговиот исказ се совпаѓа со исказите на останатите сведоци во делот на однесувањето на овој обвинет. Конечно сведокот зборува за неговите повреди како и за повредите на некои останати пратеници. Сведокот исто така јасно посочи дека полицијата воопшто не реагирала, а не реагирале ни припадниците на внатрешното обезбедување, меѓу кои и Оливер Поповски кој рекол дека немаат наредба за да превземат мерки, а за тоа време масата народ лесно се движела низ Собранието.

Сведокот Е. И. во својот исказ наведе дека е пратеник во Собранието на РМ од 2014 година до ден денес и дека ова му е втор мандат. Тој на 27 април 2017 година бил присутен во Собранието и бил присутен за време на одржувањето на прес конференцијата при што наведе дека на 27 април 2017 година кога Претседателот на Владата на РМ, Господинот З. З. одржал прес конференција заедно со голем дел од колегите биле присутни на таа прес конференција. Тој како пратеник од Партија за движење на Турците бил горе во галерија со дел од колегите и колешките. Тоа што го видел не сака никогаш да му се повтори, тогаш првпат во животот се загрижил за неговиот живот. Изминатиот мандат минимум седум-осум прес конференции имало одржано во Прес центарот, но до 27-ми 2017 година не знаел каде се наоѓа ни галеријата. Сепак, бидејќи биле горе на галерија, протестите кои биле надвор од Собранието ги следел на двата монитори кои биле сместени во Прес салата. Истакна дека не верувале дека ќе им се случи тоа што им се случило, за жал, за многу брзо време протестантите успеале да влезат во Собрание, дури и да ги најдат во Прес салата и да се качат на галерија. Истакна дека иако е веќе пет години пратеник во Собранието, ден денес тешко можел да се снајде во Собранието во тие лавиринти. Насилниците најпрвин влегле во долниот влез, односно во Прес центарот, каде што тие од горе внимателно следеле што се случувало долу. Еден од маскираните се доближил до З., но ништо не му направил, едноставно како да ги водел другите насилници во смисла со гестикулација, потоа се качиле горе. Еден покрупен со елече и дел од другите насилници почнале да се закануваат на пратениците, додека една група од насилниците го мавале нивниот колега П. Б., дел од другиве насилници ги барале М. З., нивната колешка Ф. Р. и се закaнувале.

Додека го мавале П. Б., ги убедувал, односно сакал да ги убеди дека не смеат рака да кренат врз жена. Еден млад дечко се доближи до него и го прашал: „Кажете ми сега што е нола“, друг еден насилник го влечел и тврдел дека сега ни Е. нема да го спаси. Откако го истепале колегата П. Б., се насочил кон излезната врата на галеријата, еден од позади го удрил за врат, го влечел и тука пред врата паднал. Откако паднал некои со клоци врз глава, врз телото го удирале, но тоа траело многу мал период. Не успеал да ги види тие кои што го удирале бидејќи си ја чувал главата да нема поголема животна опасност. Откако станал, дел од насилниците препознал, во меѓувреме слушал пцовки на турски јазик и си продолжил да излезе надвор од случувањата. Истакна дека не успеал да ги види тие што го удирале, но откога станал видел еден од обвинетите, а тоа бил Мунир Пепиќ кој бил многу блиску, метар-два, но насилство од страна на Мунир Пепиќ не видел. Повторно не го видел Мунир Пепиќ бидејќи веќе бил горе во канцелариите на пратеничката група, односно истиот вечерта само еднаш го сретнал. Откако веќе излегол од Прес центарот, качувајќи ги скалите, тројца упаднале кон него и почнале да викаат: „Турчинот бега“. Во моментот не направил некоја поголема паника, им рекол дека никој не бега, оди до тоалет и се враќа, во меѓувреме тие се збуниле и се вратиле назад, качувајќи ги скалите, одеднаш снемало струја, односно светло. Неговата ташна не била во него, немал клучеви од неговата канцеларија, не знаел каде оди, во моментот одлучил да оди во канцелариите на нивната пратеничка група, односно вработените асистенти од нивната пратеничка група. Темница било, можело се да им се случи. Голем дел од вратите биле затворени, бидејќи канцелариите биле споени во нивната пратеничка група, дури последната врата била отворена, влегол внатре, тука и сретнал двајца колеги од нивната пратеничка група, дел од асистентите и чекале да ги евакуираат. Еден од асистентите ги евакуирал доле во подрумот, односно парламентарниот институт, каде биле повеќе од еден час. После некое време дошол некој, се претставил дека е полицаец и му рекол дека за брзо ќе биде евакуиран. Поминал можеби и еден саат, полицијата дошла и ги евакуирала и ги однела во просторијата на пратеникот В. Ѓ. и тука веќе ги сретнале и нивните други колеги, вклучително и Претседателот З.. Во просториите освен крв немало ништо друго за жал, но најчудна работа во тие простории му била кога видел двајца насилници кои биле доле, а тие биле до нивните простории, канцелариите биле врзани една со друга. На полицајците им рекол дека тие биле насилници, тие одговориле: „Не, овие се наши колеги“, потоа ја затвориле вратата за да не ги видат. После некое време, заедно со сите колеги полицијата ги евакуирала и ги однела во касарната „Ѓ. П.“. Нагласи дека кога влегле насилниците се заканувале со зборовите: „Веќе сте готови“, „Ќе ве убиеме“, „Вие сте шиптари“, директно кон него се заканувале дека нема да го спаси ниту Е., „Веќе сте готови“.

Судот поклони верба на исказот на сведокот со оглед дека се работи за исказ кој е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите докази. Сведокот јасно посочи дека истиот и денес сеуште тешко се снаоѓа

во Собранието, а насилниците за кратко време не само што влегле во Собранието, туку и ги нашле во галеријата на Прес салата. Воедно во неговиот исказ нагласи дека дел од насилниците ги видел и во канцеларијата на пратеникот В. Ѓ., но припадници на полицијата му кажале дека тоа се нивни колеги што јасно зборува за инволвираност на полицијата во овие настани. Сведокот зборува за насилството кое било применето врз него и останатите пратеници како и за упатените закани. Истакна дека за прв пат се исплашил за својот живот.

Во својот исказ сведокот П. А. наведе дека пред да стане Заменик министер за образование бил пратеник во Собранието на РМ избран во декември 2016 година, редовно е вработен, редовен професор на Институтот за социолошки политичко правни истражувања при Универзитетот „Св. К. и М." во С.. На 27 април 2017 година бил присутен во Собранието и во временскиот период кога започнала прес конференцијата на господинот З. З. и Т. Џ. се движел некаде од главната сала на Собранието, сала „М.", заминал спрема салата на прес конференцијата и се качил горе во галеријата на Прес салата и на крај на изјавите бил горе на галеријата заедно со триесеттина или дваесет и пет пратеници. Откога стигнале на галеријата завршиле изјавите на господинот З. З. и Т. Џ., при крај на изјавите веќе на едниот монитор, левиот, виделе како насилно толпа влегува на главниот влез во Собранието на РМ, гледале директен пренос и гледале како се отвориле вратите и насилно влегла толпа во Собранието. Во тие моменти дел од пратениците се симнале доле во Прес салата, дел останале горе на галеријата, тој бил последен кој влегол во Прес салата, а потоа вратите биле затворени. Не знае колку траел тој временски период, неколку луѓе се обидувале да го спречат влезот на таа толпа во Прес салата, но не успеале. Не знае после колку минути толпата ја пробила таа група и имало еден хистеричен влез на многу луѓе со викање, голема галама, влегле во Прес салата и одеднаш се упатиле во центарот на салата. Имало луѓе со фантомки, без фантомки, млади луѓе без фантомки и третата група биле постари луѓе, биле измешани меѓу себе. Веднаш се приметило дека движењето на оваа група луѓе била насочена кон З.З. и извикувала: „Каде е З. З." и се упатувала накај него, а сегашниот Премиер З. З. стоел во центарот на салата со неколку луѓе околу него, тој бил од левата страна и како што таа толпа се приближила тој бил бутнат од некого и З. З. со неколку луѓе околу него се повлекле кон еден ќош од Прес салата. Луѓето што влегле биле буткани кон тој ќош, тој успеал да се исправи во тој момент, до него била една од пратеничките повредена, не знае на кој начин, дали симнувајќи се од горе од галеријата или некаде доле, се жалела на страшни болки и се обидел да и помогне бидејќи бил до неа и полека се обиделе да излезат од Прес салата, тој ја земал неа и полека излегле од таа сала. Надвор пред салата веќе имало многу луѓе, не знае колку, имало викотници, луѓе со знамиња, имало различни луѓе и не знае по која линија биле таму. Цело време се галамело, се викало, една ужасна атмосфера, викотници, атмосфера во која што никој не сака да се најди.

Понатаму што се случувало во Прес салата тој не знае, но знае дека еден човек на свои 30-ина години му помогнал, тој не го познава ни ден денес, не знае кој бил, им помогнал да ја симнат пратеничката по скалите и откога ја симнале им рекол каде да одат, што да прават, кажал дека одма пред нив ја носат повредена пратеничката Ш. и тие да одат по нив, најверојатно оделе во амбулантата. Појасни дека тоа помагање траело повеќе од минута, и заедно со тоа лице ја симнале пратеничката М. Ѓ. по скалите која била повредена и се жалела на болки во ногата, при што наведе дека се работело за маж меѓу 30 и 40 години, не со голема килажа, висина околу неговата, можеби малку понизок, колку што се сеќава, тој во ликот го видел пет до десет секунди, гледал во скалите и во пратеничката каде газела затоа што околу нив имало и други луѓе кои што се заканувале, пцуеле, викале, со стапови. Сведокот наведе и дека постоела голема сличност помеѓу лицето кое помагало и обвинетиот Влатко Трајковски, но не може сто посто да биде сигурен поради краткото време со кое се соочиле, односно го видел ликот на човекот што му помогнал.Стигнале во амбулантата и претежно тие следните 2 часа биле тука, а во таа просторија освен тој, Р. Ш. имало најмалку уште три други пратенички, но веднаш во тие моменти дошол и шефот на обезбедувањето, тој колку што сфатил бил шеф на внатрешното обезбедување на Собранието кој се жалел цело време на болки, дека бил нападнат при првиот бран на влез на толпата. После еден саат имале некакви информации, мобилните работеле, па прашувале што е и како е, некои информации биле добри, некои биле лоши, луѓето се интересирале што се случува со нив, па и нивните блиски, пријатели, повеќе луѓе од обезбедувањето внатрешно, доаѓале и му се обраќале на шефот на обезбедувањето и го прашувале разни прашања, а некои од нив може да ги каже, „Што се случува, зошто нема луѓе, зошто во овие моменти само десетина луѓе сме овде, што треба да правиме и што да превземеме". Човекот цело време се жалел дека има болки, дека не можел ништо да одговори, главно не одговарал на тие прашања. Еден, двајца од обезбедувањето потоа на снимките ги гледал како се качиле во Прес салата, оделе, доаѓале, но се обидувале да помогнат на луѓето што биле заробени во Прес салата. Во Собранието биле заробени сите. Тој не знаел кој од колегите каде бил. Во еден момент вратата од амбулантата била целосно отворена, шетале луѓе, влегувале, излегувале. Задниот влез од Собранието исто бил блокиран, имало луѓе, полицајци, луѓе во фантомки кои што си стоеле цело време на влезот, незнае дали контролирале влез, излез, дали не можеле да влезат, но тие како избрани пратеници, избрани како луѓе на фер и демократски избори биле заробени во Собранието и не биле заштитени од структурите и институциите што тоа им било должност и по Устав и по закон затоа што тие ја претставувале државата. На крајот од овој процес некако успел да дојде Н.Т. до амбулантата, било прашање кого прво да однесат, дали шефот на обезбедувањето или пратеничката Р. Ш., чија бела перница била целосно црвена од крв и била во лоша ситуација, бледа, крварела и во тоа време се поставило прашањето кого може да изнесат прв, при што

Р. Ш. рекла „нека го носат шефот на обезбедувањето бидејќи се жали на болки цело време“. Потоа Н.Т. се вратил после половина час и повеќе и ја однеле пратеничката Р. Ш.. Истакна дека во неговата глава сеуште ги слушал зборовите на некои од пратениците од спротивната политичка партија кои им се заканувале и кажувале дека тие работаат против народот, дека народот го губел трпението, дека си играле играчки со народот, народот ќе ја земел работата во свои раце, можело да се видат стенограмите. Најмногу му верувал на пратеникот Крсто Мукоски кој бил најубедлив во своите закани и укажаните закани спрема нив од говорница, не директно кон него, туку кон сите нив. Во тие неколку недели доедека траела дискусијата, пратеникот Крсто Мукоски мисли дека имал над 30 реплики, обраќања или говорења на собраниската говорница, во голем број од нив го имал тоа што тој го изјавил, закани кон пратениците од СДСМ и коалицијата. Зборовите кои што ги слушал од колегата Крсто Мукоски, жал му било да го каже, толку бил убедлив дека нешто ќе се случело, при што ги истакна зборовите: „Ќе видите народот што ќе направи дека вие го предавате народот“, имало и други изјави, но мисли дека сите влегувања во една театрална претстава за народот и тоа што се гледало во јавноста и од директниот пренос и денови во Собранието имало директен пренос. И целата оваа приказна му се чинело дека имала некаква поврзаност, заканите спрема нив со недели претходно, како можело пред Собранието да има илјада луѓе кои мирно стоеле некаде таму на дистанца, за 20 минути се создадат групи на луѓе кои хистерично ги виделе внатре во Собранието насилно навлезени. Кој наредувал, по кое сценарио, што требало да се случи, кој бил креатор на целата таа приказна не знае, можеби некој од луѓето што седеле во судницата, еднаш чесно ќе и кажат на јавноста што било претходно, кој го организирал тоа, што било планот и што требало потоа да се случува. Тој знае дека некој луѓе се нашле можеби на погрешно место и во вистинско време, тој имал право да го искаже својот став, од сето она што тој го видел, целта на групите била онеспособување на лидерот на СДСМ З. З., не сака дури ни да ги изговори зборовите, но можеби било планирано негова ликвидација, на такво нешто личело сето тоа што тој го видел. Појасни дека тоа не е негова претпоставка туку е убеден во тоа, тоа е негов впечаток, наведе дека ќе повтори дека неколку луѓе што влегле во салата, го извикувале неговото име, тоа било еден фуриозен влез на не знае колку луѓе, го објаснил тој момент и тоа му давало за право да мисли дека бил цел на напад. Притоа истакна дека негов личен впечаток е дека имало организираност на настаните со влегување на граѓани на 27.04.2017 година во Собранието на РМ. Појасни дека имало два-три начини да се дојде од главниот влез на собраниската зграда до Прес салата, разликата меѓу нив била 30 секунди до една минута од било кој пат од каде и да тргне пак ќе се дојде до Прес салата, но ако првпат некој влегува во Собранието и некој не му покаже можело да се направи цел круг пак да не ја најдете Прес салата. Наведе дека за цело тоа време откако влегла масата народ во Собранието додека не биле евакуирани со оглед на тоа дека не се

знаело како ќе завршела вечерта, чувството било несигурност, страв, неизвесност, главно чувство на несигурност, но во тие моменти повеќе внимание се обврнувало на луѓето околу себе, на тие што им била потребна поголема помош, на тие што имале поголема мака. Тие биле заробени таму, човекот од обезбедувањето им кажал на сите „секаде има луѓе од надвор влезени и во ходниците и во гаражите, не излегувајте надвор, не е безедно да се движите по ходниците на Собранието“. Сведокот во својот исказ наведе и дека се сеќава на ликот на лицето од собраниското обезбедување во Прес центарот кој се обидел да помогне на лицата што биле цел на напад на толпата, но истакна дека тоа лице не се наоѓа во судницата.

Исказот на сведокот е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите докази, па токму затоа судот поклони верба на истиот. Тој на јасен начин појасни дека во масата нрод имало луѓе со фантомки, без фантомки, млади луѓе без фантомки и третата група биле постари луѓе. Истакна дека таргет бил З. З. кое нешто веднаш се приметило, а имено движењето на оваа група луѓе била насочена кон З. З. кои го барале токму него, нагласи дека не е негова претпоставка, туку е убеден во тоа, тоа е негов впечаток. Воедно зборува за повредени пратеници меѓу кои Р. Ш. и М. Ѓ., но и за повредениот шеф на обезбедувањето. Овој сведок истакна дека негов личен впечаток е дека имало организираност на настаните со влегување на граѓани на 27.04.2017 година во Собранието. Сведокот меѓу останатото зборува и за тоа што всушност тој чувствувал таа вечер,а тоа било несигурност, страв, неизвесност.

Сведокот К. К. во својот исказ наведе дека на 27 април 2017 година била присутна во Собранието и била присутна во салата каде што се одржала прес конференција на господинот З. З. и Т. Џ.. Наведе дека се упатиле кон Прес центарот со оглед на тоа дека биле голема група на пратеници одлучиле заедно да присуствуваат на изјавите на Т. Џ. и З. З. во Прес центарот. Се поделиле во две групи, едната група пратеници влегла во Прес центарот каде што имало и доста новинари, а другата група пратеници повеќе биле жени пратенички се качиле во галеријата од Прес центарот. Започнало обраќањето на Т. Џ., потоа продолжило обраќањето на Претседателот на СДСМ З.З. и во тој момент на екраните виделе дека има пренос надвор од случувањата пред вратата на Собранието. Во еден момент виделе дека вратите од Собранието се отвораат и толпата влегува внатре, во тој момент настанал хаос и долу во Прес центарот и горе во галеријата и свесни нејзините колеги пратеници предупредиле дека било можно да дојде до инциденти и им било многу чудно затоа што поминало многу кратко време кога слушнале џагор надвор од Прес центарот. Колегите пратеници кои што биле долу им дале предлог да тие, затоа што биле повеќе жени пратенички, да се симнат долу бидејќи биле исплашени дека можеби ќе се случи да бидат исфрлени од терасата на галеријата и колегите направиле неколку бироа едно врз друго за да можат да се симнат долу. За цело време го прателе случувањето пред

Собранието, вратите биле отворени, толпа народ влегувала внатре, а тие биле крајно вознемирени. Бироата биле наредени и успеале само три од пратеничките да се симнат. Таа била спремна, се качила на оградата од терасата во галеријата, ги фрлила чевлите, чантата и била спремна да скокне, тоа се се случувало во многу кратко време. Не знае како за толку кратко време толпата успеала да стигне и до Прес центарот и до галеријата. Токму кога требала да скокне, нејзиниот колега Максим кој што ги прифаќал нејзините колешки кои се симнувале врз бироата, викнал дека влегуваат и дека ја пробиле долната врата во Прес центарот. Дел од нејзините колеги пратеници кои што биле горе во галеријата направиле барикада на горната врата, меѓутоа се слушал џагорот и биле свесни дека ќе ја пробијат и горната врата и ќе влезат горе. Но, нејзиниот колега М. викнал дека нема, не требала да скока затоа што влегувале, таа останала само неколку секунди да седи на ѕидот од терасата на галеријата и тоа била таа слика која што го прошетала светот на социјалните мрежи и која што долго време мисли дека ќе буди спомени што никогаш нема да ги заборави ниту таа ниту нејзиното семејство затоа што подоцна кажале дека тоа одело пренос во живо. За многу кратко време околу петнаесеттина од толпата народ влегла во Прес центарот. Таа не можела да разбере колку голем гнев имало собрано кај тие луѓе. Меѓу толпата имало двајца луѓе со црни маички и фантомки кои што очигледно им давале насоки на толпата народ која што влегла внатре. Настанал општ хаос. Се слушале пцовки, навреди, „предавници“, „убијте ги“, „нема да излезете живи од Собранието“ и во тој миг само можеле да видат како дел од луѓето кои што биле долу, мавале со се што им дошло при рака, тоа биле тешки метални постолја на столиците од прес центарот, држачите од камерите, каблите кои што ги користеле како јамки. Таа седела неколку секунди, можеби 15 секунди на ѕидот од галеријата гледајќи ја таа слика и ниту можела да дише ниту можела да се симне од ѕидот, не можела да верува дека тоа можело да се случи токму во Собранието. Наведе дека седела и била спремна да скокне и ако скокнела, ете во две секунди, тоа биле секунди, не знае дали ќе била жива. Бироата паднале долу во толпата народ, една, две секунди биле во прашање да се случи она што можело да се случи со неа, со нејзиниот живот, знае што чувствувала, знае што видела кога толпата народ додека седела избезумена на оградата од галеријата, за 15 секунди не може да каже, ќе каже биле 15 можеби 20 секунди, глетката била страшна, избезумена толпа народ која што мавала со се што можела, мавала со столици, мавала со кабли, носеле стапови од знамиња и за многу краток период ги нанеле првите удари. Никогаш нема да ја заборави сликата кога првпат почнало да крвари лицето на Претседателот З. З. и кога Максо го прегрнал и сите тие слики кружеле по социјалните мрежи и нејзината слика кога висела, никогаш нема да ги заборави. Појасни дека сознанието дека врз пратениците било гаѓано со тешки метални предмети добила во периодот додека седела на балконот, наведе дека знае колку тежат металните делови од столовите во Прес центарот, знае колку тежат и сталаците на камерите, знае колку и каква

повреда можат да нанесат, може и смртна повреда да биде ударот во глава, тоа било едно и второ, кога отишле да си ги земат предметите после извесен период во Прес центарот, таму им биле чевлите, чантите, имала можност да оди да ги крене сокршените делови од столовите, знае колку тежеле, видела колку тежат, можеби тие 15 секунди незнаела, но кога ги фатила после знае што можело да се случи, можело некој да го изгуби животот. Се слушале извици, во еден момент видела како со силен удар се раскрварува лицето на Претседателот на СДСМ, З. З., еден од ударите го погодил Д. М. и за 10 до 15 секунди можел човек да види само раскрварени лица и крвави кошули. Последната слика и била прегратката на нејзиниот колега М., на Претседателот на СДСМ З. З. и тогаш нејзиниот колега М. З. ја предупредил дека мора да се симне и да гледаат да најдат начин за да можат да излезат од галеријата. Се симнала и клекнала до ѕидот од галеријата и тогаш се свртела назад и толпата народ веќе влегувала. Наведе дека колегата П. Б. кој што се обидел заедно со уште двајца пратеници да направи обрач на вратата од терасата на галеријата не можел да го стори тоа, видела како му ја кинат кошулата, го истуркале во аголот од галеријата во Прес центарот и влегле шестмина, двајца во бели маички, еден имал знаме замотано околу главата и држел знаме со дрвена рачка. Седела стуткана долу до ѕидот од галеријата, ниту можела да стане да оди, ниту можела да дише, не знаела. Тогаш еден од нејзините колеги пратеници рекол да излегуваат кој како можел надвор од галеријата бидејќи таму било премногу тесно и тогаш видела дека дел од пратеничките отишле и влегле во двете кабини, по нив отишле дел од луѓето кои што влегле, дел од толпата која што влегла горе во галеријата и го видела Павле како обидувајќи се да направи заштита кај кабините почнале да го удараат и да го буткаат три-четворица од оние кои што влегле. Неколку од толпата кои што влегле горе во галеријата се спуштиле кон двајца новинари кои што најверојатно снимале, имале камера и апарат и во тој миг се исправила од зад ѕидот, погледнала уште еднаш долу и добро ќе било никогаш да не погледнела долу. Видела како Р. ја скубат за коса, С.М. вриштела и сакала најверојатно да и помогне, пратеничката М. Ѓ. се згрчила најверојатно од ударот кој што и го задале во долниот дел на ногата, сите биле крвави, видела уште неколку удари со тешки метални предмети и сталаци врз дел од пратениците кои што стоеле околу Претседателот З. З., се свртела, ја покрила главата и се обидела да излезе од галеријата. Слушала дека пратеничката И. молела некој од влезените луѓе да ја пуштат. Дел од толпата викала: „Фатете го шарениот и убијте го!“, тоа се однесувало на П. Б., „Фатете ја полицајката и таа има да плати“, тоа се однесувало на пратеничката Ф. Р., професорката К. била клекната во аголот и молела еден млад дечко од 27,28 години да и помогне да ја пушти да излезе од галеријата. Излегла надвор меѓутоа толпата народ ја турнала, почувствувала некој дека ја фатил за рамото и паднала до ѕидот од десната страна на вратата од галеријата. Имало таму и добронамерни луѓе кои што можеби влегле внатре заедно со сите оние кои што имале лоши намери, таа е сигурна дека имало луѓе кои што имале

лоши намери. Една повозрасна госпоѓа ја заштитила со своето тело и и рекла: „Оставете ја, не и е добро на жената“, значи ја чувала главата со двете раце, била боса и не знаела каде да оди. Во тој момент почувствувала дека некој ја фаќа за рамото и ја прашува: „Госпоѓо, дали сте добро, дали може да станете и да одите“. Не знаела дали да ја крене главата или не, погледнала и го познала човекот од обезбедувањето, не знае како се вика, го имала повеќе пати среќавано во Собрание пред пленарната сала, направил обрач околу неа и рекол дека ќе ја однесе на безбедно. Тргнале да се симнуваат по скалите, било страшно, истите зборови: „Предавници“, „Не заслужувате да живеете“, „Сите ќе ве убиеме до еден“, „Шиптари“. Многу имало, имало двајца луѓе облечени во фантомки кои што дефинитивно сигурна е дека им давале инструкции на дел од луѓето кои што влегувале. Човекот од обезбедувањето и рекол само да ја спушти главата, ја покрил со своето тело и покрај оградата се симнале долу и отишле до соба број 5, тоа било амбулантата во Собранието. Било хаотично, се слушал крш, удирале со стапови, се кршеле камери, се мавало со кабли, имало стакло, знае дека имало посекотина зашто бил боса, без чевли. Во амбулантата веќе била пратеничката Р. Ш., пратеничката М. Г., П. А.. Р. Ш. била видно со голема повреда на главата, посекотина, се обиделе со докторот, таа е лекар по професија, пратеничката М. Г. била пред колапсна состојба, се обиделе да им дадат помош, лекарот и дал средства за смирување, направиле тампони за да можат да го прекинат крварењето од посекотината на главата на Ш. и некако успеале да ја имобилизираат ногата на пратеничката М.Г.. Седеле во амбулантата со изгаснато светло затоа што надвор во ходникот се слушале врисоци, пцовки, закани, надвор преку прозорецот имало народ, лекарот им рекол да седат со изгаснати светла и да се обидат да помогнат на оние што ги донеле. Донеле човек од обезбедувањето, било видно дека е повреден и не можел да го движи вратот, го сместиле и него и после тоа ја донеле и пратеничката М. С.. Докторот се обидел неколку пати да повика помош за да може да ја однесат Ш. затоа што видно крварела, била бледа и не се чувствувала добро, човекот од обезбедувањето имал исто видни повреди на вратот, имал болки, таа, П. и М. немале некои тешки повреди, меѓутоа не би сакала никогаш никому тоа да му се случи и токму во Собранието кое што треба да биде храм на демократија и токму од луѓе кои биле нивни сограѓани. Не знае колку време седеле со изгаснато светло во амбулантата, неколку пати влегле неколку луѓе од обезбедувањето да прашаат дали има потреба да бараат помош за повредените, меѓутоа влегувале и излегувале, не може да каже после колку време, меѓутоа во еден момент дошол Министерот за здравство тогаш, Н. Т. и рекол дека ќе се обиде да ја извади Р. Ш.. Не знае, најверојатно и облекле мантил за да можат да ја извадат, прашала дали има уште некој, рекле дека за десет, петнаесет минути можат уште еден да извадат од амбуланта, го однеле човекот од обезбедувањето. После седење можеби саат и повеќе во амбуланта, добиле порака дека ќе дошле луѓе за да можат да ги однесат

на безбедно место, не им кажале каде, но за десет минути дошло едно цивилно лице со тројца специјалци и ги качиле, биле таа, П. ,и помогнале на пратеничката М. затоа што била повредена и Б. од собраниските служби и ги качиле на први кат во една просторија, после дознала дека тоа била просторијата, собата на В.Ѓ., тоа биле две простории, пред влезот имало специјалци, го видела колегата Т. од ВМРО разговарал со нив, влегле во едната просторија и седнале на подот, ги носеле, се собрале сите пратеници, ги носеле по двајца, по тројца. Ги известувале преку пораки за да може да ги соберат горе во собата на првиот кат, им дале вода и донеле и дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и ги сместиле во другата просторија. Биле колеги пратеници ама само се гледале, никој ништо не зборувал, само еден, двајца од нив ги прашале како се и им кажале дека жалат за тоа што се случило. Се собрале сите, гледката била страшна, превиткани глави, скинати крвави кошули, не мислела дека тоа можело човек да го види, таа глетка како пратеник, како претставник на граѓаните на местото каде треба најсигурно да се чувствува. Тогаш Т. Џ. рекол дека оттаму сите ќе ги носат на безбедно место во Касарната „Ѓ. П.“. Ги однеле со воени возила кои биле долу во подрумот, ги качиле по 10 и ги однеле сите пратеници и нив од парламентарното мнозинство и пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, сите биле во иста просторија во Ѓ., повторно само се гледале. Таму дошле екипи кои што пружале медицинска помош на повредените, биле видно повредени Претседателот З. З., Д. М., Х. Л., Љ.. Истакна дека не може да има ориентација на време, но можеби таму седеле час и потоа оттаму полека почнале да излегуваат еден по еден, двајца, па тројца, нив ги однеле во седиштето на СДСМ на Бихаќка, а потоа со возила ги однеле по нивните домови. Нагласи дека незнае дали може тие мигови да да се раскажат со зборови, чувствата биле многу големи и останувале и за нив како траума и за нивните семејства и можеби ако не бил тој гнев и тој говор на омраза кој што се случувал пред 27 април и можеби ако не се отвореле вратите на Собранието и можеби ако граделе поразлични, поинакви односи помеѓу нив, немало да се случи сето тоа, меѓутоа ќе каже да, можело да бидат убиени луѓе кога се мавале со тие тешки метални предмети од 10,20 килограми, страшни удари биле тоа, гледала како ги удареле нејзините колеги пратеници, како мавале и ловеле со кабли, како удареле со сталаци од камери и како удареле со тешки метални држачи од столовите, можело да бидат изгубени човечки животи и пратеници и животот на новинарите бил загрозен. Таа се надева дека тоа што се случило на 27 април никогаш нема да се повтори. Чувството кое што го имала било дека никогаш нема да излезе жива од Собранието, немала доверба во никој што бил околу неа и сигурна е дека можело да се случи навистина она што било најлошо, да се изгубат човечки животи. Она што го кажала во нејзиниот исказ било хронолошки, односно внимавала на редоследот на описите на случувањата, се обидувала да го запази хронолошки текот на настаните, поминало доста време и состојбата и тоа што се случувало на 27 април,

можеби се измешале 5, 10, 15 секунди меѓутоа тоа било тоа што кажала, сигурна е во тоа што го кажала.

Исказот на овој сведок е јасен, категоричен, недвосмислен и е во склад со останатите докази, па токму заради тоа судот во целост поклони верба на истиот. Сведокот даде целосен хронолошки опис на настаните, при што нагласи дека им било многу чудно тоа што за многу кратко време масата народ стигнала во Прес центарот. На јасен начин опиша со кои и какви предмети биле тепани пратениците, а тоа биле тешки метални постолја од столиците од Прес центарот, држачи од камерите, каблите кои што ги користеле како јамки. Зборува за лица со црни маички и фантомки кои што очигледно им давале насоки на толпата народ која што влегла внатре, но зборува и за сликите кои нема никогаш да ги заборави, а тоа се слики на раскрвавени глави на пратеници. Сведокот во своето емотивно сведочење меѓу останатото кажува и за нејзиниот неуспешен обид да се симне од галеријата и за тоа како останала да седи на на ѕидот од терасата на галеријата, а тоа е всушност таа слика која што го прошетала светот на социјалните мрежи и која што долго време мисли дека ќе буди спомени што никогаш нема да ги заборави ниту таа, ниту нејзиното семејство. Воедно сведокот кажува и за нејзините чувства додека траеле насилствата, а секако се работи за чувство дека никогаш нема да излезе жива.

Сведокот Х. Л. во својот исказ наведе дека како Пратеник на 27 април 2017 година бил присутен во зградата на Собранието, а во Прес салата кога се одржувала прес конференцијата бил присутен, но на самиот крај. Наведе дека во левиот агол во Прес центарот имало телевизор на кој бил вклучен канал на една од македонските телевизии кој ја пренесувал во живо ситуацијата пред македонскиот Парламент и впечатливо било брзото собирање на многу луѓе пред самиот Парламент и огромната гужва која што се создала. За време на тој настан тие забележале дури и преку камерите во живо како се отворени вратите на Парламентот и како огромна група на луѓе влегуваат внатре во Парламентот насочувајќи се кон пленарната сала која била на дваесеттина метри оддалечена од главната врата. Биле во салата на Прес центарот избезумени од случувањата. Страшен психолошки ефект претставувал моментот што нештото го гледале во живо, што било она што се случува и пред Парламентот и внатре во Парламентот. Внатре имало мисли директни камери, во директен пренос и од она што се случувало внатре и во пленарната сала во Парламентот. Свесни за потенцијалната закана во тој момент зошто заканата била потенцијална, човечки било да се размислува што понатаму, добар дел од пратениците присутни на прес конференцијата биле во галеријата на Прес салата и сакајќи сите да бидат заедно организирале не преку скалите од каде што се влегувало во галеријата, туку со прескокнување да слезат долу на сутеренот на Прес салата, заради што организирале поставување работни маси една на друга, бироа, како би ја постигнале височината за да можеле генерално

колешките да се симнат долу и мисли дека три колешки успеале да ги симнат долу. Сето тоа било во насока на нивното размислување што во моментот размислувале и како инстиктот за опстанок ги терал да делуваат во една таква ситуација чувствувајќи ја огромната закана. Во еден момент огромна поголема група на луѓе насилно влегла во вратата на Прес центарот која обезбедувањето заедно со некои од нивните колеги се обидувала да ја задржи затворена, но не успеала. После отворањето на вратата очигледна била намерата на групата луѓе да се насочи кон групата во која покрај колегите пратеници се наоѓале и тогашните пратеници З., Џ. и С.. Во перспектива од влезот тоа е од десниот внатрешен агол под десниот телевизор, под десниот монитор. Тој во тој момент се наоѓал во групата, помалата група пратеници која се наоѓала во левиот агол во внатрешноста на просторијата, од левиот телевизор во перспектива од влезната врата. Очигледна била намерата дека фокусот на внимание била групата во десниот агол. Заради помалото внимание према нивната група, напред тргнал колегата А. Г., го повлекол него, тој неговиот колега С. Б. и во групата заедно биле уште колегите од ДУИ А. Ш. и координаторот Е. А.. Внимателно и пополека излегувале од просторијата трпејќи удари на повозрасни луѓе со очигледна жестина, невидена дотогаш, која жестина била поврзана со однесувањето и гестикулациите и вокабуларот на присутните. Заради возраста ударите биле долу во нивните потколеници со обувките кои тие ги носеле. Во еден момент тој слушнал: „Еве го прилепчанецот“, пополека буквално милиметар по милиметар излегувале од салата и излегле. На самиот излез ги пречекала нова група луѓе кои се обидувале да влезат во Прес салата и ги одминале движејќи се сите заедно во ходникот во холот помеѓу сала 3 или Прес центарот и сала 4, салата за состаноци во насока кон излезот спрема канцелариите во левата страна во перспектива од излезот од сала 3, зошто десната страна од истата перспектива е излез од тој хол кон галеријата на пленарната сала. Наведе дека растојанието помеѓу излезот од Прес салата и пролазот од левата страна кон канцелариите е некаде од околу 10 метри, близу на средина од тој пат, близу точката каде се спојува со скалите кои водат кон галеријата на сала број 3, од некој од групата која слегувал по скалите добил удар во десниот потег над окото, претпоставува заради мекото ткиво на тој дел од организмот потекла премногу крв, окото му било целосно затворено обидувајќи се да поминат незабележани од тој десетметарски дел од патот, одејќи со главата надолу не забележал кој го удрил. Меѓутоа, водејќи сметка дека станува збор за простор покриен со сигурносни камери, верува дека тој дел може да биде откриен ако е снимката сочувана. После излегувањето од таа врата кон канцелариите на првиот спрат, свртеле десно во ходникот за да продолжат да се движат кон нивните канцеларии. На самата врата ги пречекала поголема група луѓе која очигледно немала намера да ги пропушти, но со помош нивна и сугестија према нив од страна на поранешниот пратеник во Собранието господинот Ф., таа група од пет пратеници кои претходно ги набројал, поминале без проблем и после тоа

се упатиле на вториот спрат кон канцеларијата на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на М.. Тој и самиот не бил свесен како изгледал и во каква ситуација се наоѓал, меѓутоа забележувајќи ја реакцијата на асистентите од тоа што го виделе сфатил дека изгледа страшно. Оттаму заеднички целата група одлучиле да појдат во некоја од канцелариите на третиот спрат, случаен бил изборот да влезат во канцеларијата 339 на колегата А. Ш.. Пред да влезат во канцеларијата колегите го почекале пред клозетите како би можел барем малку да ја исчисти раната. Откако влегле во канцеларијата, при што појасни дека станува збор за мала канцеларија со две работни места, со поглед према центарот на пентагонот, формата на Собранието, на трети спрат со само еден прозор, со намештајот со кој располагале во канцеларијата, успеале најдобро можно со соодветниот материјал да ја блокираат влезната врата од канцеларијата и за да го доближи психолошкиот момент на секој од нив наведе дека чувството на животна загрозеност било кај секој нив. После час и половина, интензивни контакти од страна на колегата Г., со полициски службеници успеале да ги лоцираат на местото на кое се наоѓале, само ги лоцирале и тие останале таму. После 45 минути, дошле специјалците и ги спровеле сите заедно во канцеларијата на пратеникот В. Ѓ.. Наведе дека ја опиша канцеларијата во која се наоѓале и сака од негов аспект да го опише и Собранието како градба. Истакна дека станува збор за Пентагон со исклучително многу ходници, да не рече лавиринти. Убеден е дека дури и дел од колегите, а можеби и дел од вработените со помали вештини на ориентација се уште не можат да се снајдат во секој дел од Собранието. Зачудени биле со каква леснотија се трчало по ходниците додека чекале од група луѓе, очигледно барајќи нешто и барајќи некого. После нивното спроведување во канцеларијата на колегата Ѓ., наведе дека сака со сите да го сподели и она што го видел ама и неговото чувство за тие неколку минути негов ангажман. Она што го видел и како ангажман на Ѓ. и од неговите очи не можело ни да се изглуми, не можело ни да се симулира, не можело ни да се претстави ако не било вистински, исконски и од срце. Во случајот за колегите од СДСМ, меѓутоа генерално како спрема луѓе, тој се однесувал како спрема сопствените деца, обидувајќи се да ги заштити по сите основи од можните закани. После извесно време во канцеларијата на Ѓ. дошле специјалците и преку излезот за собраниската гаража во специјални возила ги спровеле до касарната во Ѓ. П. каде биле заедно со колегите од ВМРО-ДПМНЕ. Појасни дека од кога на телевизорот во Прес салата виделе како влегува масата народ внатре во Собранието, па додека дошле до Прес салата времето во тој момент немало ни мерка, немало ни значење, не постоел човек што може да каже колку време поминало освен луѓето што дошле од надвор, станувало збор за моменти кои не му ги посакува никому, но дал заклетва пред да почне да зборува и наведе дека мора да зборува искрено, а и верник е, но буквално не му посакува никому да ги доживее, буквално немало пострашно, наведе дека не сака да навлегува во детали, мисли дека доволно е и тоа што го кажал. Појасни дека неговиот впечаток за

намерата на групата е поврзан со насоченоста на групата кон одреден дел во просторијата, мисли на десниот внатрешен дел на просторијата гледано во перспектива од влезот во сала 3. Во десниот дел од салата се наоѓала поголема пратеничка група во чиј состав влегувале и господинот З. З., господинот Т. Џ. и господинот З. С.. Појасни дека за целото време по влегувањето на масата народ внатре во Собранието па до евакуацијата од Собранието, го имал чувството на беспомошност како никогаш дотогаш во животот, кај што секој е свесен дека не зависи ништо од него и дека е оставен  на милост и немилост, а исто така и чувството на гнев кон институциите во сопствената држава.

Давајќи хронолошки опис на настаните овој сведок на јасен, недвосмислен, категоричен начин кажува за брзото влегување и движење на масата народ внатре во Собранието иако заради формата на истото тешко може да се снајде некој кој прв пат влегува во него. Во својот исказ истакна дека масата била насочена кон оној дел каде се наоѓале З. З., Т. Џ. и З. С.. Воедно истиот сведочи и за атмосферата во Прес центарот, за жестината на ударите, но и за заканите. Сведокот посведочи и за чувството на животна загрозеност кое било присутно кај секој од нив и едноставно кажа дека пострашно немало. Со оглед на сето ова судот во целост поклони верба на исказот на сведокот.

Сведокот С.К. во својот исказ наведе дека е вработен во Собранието на РМ на работно место самостоен референт во системот за електронско гласање и мониторинг, а природата на работа му е  вклучување на микрофоните, исклучување на истите, давање збор на пратениците, податоци од гласањето и архивирање на Веб страната од гласањето. На 27 април 2017 година бил на работа и вообичаено седницата почнала во 11:00 часот, имало нормален тек до 14:00 часот кога Претседателот Т. В. дал пауза до 15:00 часот, а во 15:00 часот продолжила седницата повторно со нормален тек, но некаде 17:30 кога Претседателот Т. В. му дал збор на пратеникот од БЕСА И. З. или З. И. не знае точно, тој ја пеел химната на Р.А., по што тензијата во Собрание се зголемила посебно во делот на опозицијата, секако тоа се чувствувало и во редот на позицијата. По интонирањето на химната од страна на пратеникот И. З., пратеникот К. М., И. Д. и Т. Т. побарале процедурално збор за да се јават. Претседателот Т. В. дал збор на пратеникот Крсто Мукоски, по што пратеникот Крсто Мукоски ја интонирал химната на РМ. По интонирањето на химната на РМ, кога завршил пратеникот Крсто Мукоски, повторно побарал збор процедурално пратеникот И. Д. и пратеникот Т. Т.. Веќе било близу 18:00 часот и Претседателот на Собранието не дозволил процедурално давање на збор затоа што практика било на Собранието да работи до 18:00 часот, а за тоа продолжување одлучувал Претседателот на Собранието, секако во договор со координаторите на пратеничките групи, меѓутоа бидејќи немало тој ден координација, Претседателот ја прекинал седницата. Наведе дека 11 години работи на истото работно место, неговата задача е водење на системот на електронско гласање, мониторинг, не и на

камерите, камерите ги работи видео миксер во режија и тон мајстор кој што работи со миксетата заради појачување или намалување на нивото на тонот и секако директно вклучување на говорницата бидејќи тој тоа не може да го направи и објасни дека говорницата можат да ја исклучат само од режија, но не и тој и согласно неговото работно место ги познава неговите работи и задолженија. Истакна дека секогаш работаат по насоки на раководителот на секторот М. И., исклучиво по нејзини задолженија, а по хиерархија Генералниот секретар ги координира и ги дава насоките на раководителите на секторите во Собранието. Со прекинување на седницата, неговото задолжение е да ги исклучи микрофоните, тоа се некои две, три минути додека се изгасат двата компјутера. Имало раздвижување помеѓу пратениците на ВМРО ДПМНЕ околу него, од она што можел да чуе било да не се дозволи гласање ако се обидат СДСМ да направат избор на Претседател на Собранието. Не знае точно кој тоа го зборувал бидејќи неговата положба е седечка, тој е фокусиран на исклучување на апаратурата. Биле присутни по завршувањето Крсто Мукоски, Љубен Арнаудов, Ж. П., И. Д., Господинот од Социјалистичката партија Д. и мисли дека бил Ј. Т., не е сигурен за него. Потоа дошол полицаецот од обезбедувањето, кое не било практика и му рекол веднаш, побрзо да го исклучи системот за гласање и да ја напушти седницата. На полицаецот не се сеќава кој бил меѓутоа можело на камерите да се види, додека траела седницата камерите не биле исклучени. Дали имало причина за тоа, него не му е познато. Претседателот на Собранието бил повикан од групата пратеници што била позади него меѓутоа таму на врвот на скалите се приближил, дофрлил нешто и заминал, потоа тој ја напуштил седницата, се качил горе во местото каде што работи техничка режија. Наведе дека практика е додека има пратеници во салата, додека не ја напуштат да не ги исклучуваат камерите, меѓутоа снимањето завршува во моментот кога Претседателот ќе ја прекине седницата или во случај кога ќе добијат насоки од Генералниот секретар дека треба да се снима или да продолжи снимањето, во тој случај немало таква насока така да снимањето било прекинато, меѓутоа камерите останале вклучени. Потоа почнало случувањето внатре во Собранието, тие ги следеле случувањата при изборот на новиот состав на Собранието при што негова општа констатација и на колегите била дека од новото мнозинство не бил присутен пратеникот А.А. и пратеникот Б. М. со што се ставало во прашање дали бил и регуларен изборот на новиот состав на Собранието, односно новиот Претседател господинот Т. Џ.. Единствено надлежен да повика на гласање е Претседателот на Собранието на РМ. Истакна дека кога Претседателот на Собранието околу 18,00 часот ја прекинал седницата, истата продолжила без присуство на Претседателот на Собранието меѓутоа нивниот ангажман е додека Претседателот на Собранието, односно Претседавач на Собранието е присутен на седницата да ги извршуваат нивните задолженија со затворање на седницата и тие го прекинуваат системот на гласање и комплетно снимање, така што ниту еден пратеник после Претседателот на

Собранието не може да повика да се активира системот на гласање. По изборот на Претседателот Т. Џ. пратениците се упатиле низ ходниците до Прес центарот. Во Прес центарот кој е до техничката режија буквално биле залепени бидејќи немале најава за прес, потребна била процедура за вклучување на техниката за снимање, не се реализирала, режија немала услови да го снима пресот и секако го добивале по насоки на секретарот ако имало потреба, по барање на пратеничките групи кои го доставувале до секретарот, а тој давал насоки до раководителот на секторот М. И. да им даде задолженија за снимање. Претпоставува дека пресот бил најавен бидејќи новинари имало преголем број и чекале пред салата, врвулица од луѓе, при што од обезбедувањето им рекле „ако немате работа внатре, повлечете се во режија да не сметате“, а раководителот на сектор М. И. ги задолжила да останат нив петмина од причини и претпоставки дека може да продолжи седницата да останат во режија додека пратениците не го напуштат Собранието, па останале на стен бај да не има продолжување на седницата. Тоа било некаде околу 18:40 часот. Пресот го следеле преку телевизија ТВ 24 на телевизори кои ги имале во режијата бидејќи на собраниски канал немало пренос. Бидејќи е активен член на ВМРО ДПМНЕ од 11.11.1992 година добивал позиви од неговите сопартијци од надвор што се случува пред Собранието, добивал пораки на Вибер што се случува внатре, пратил пораки „Овде е хаос, избран е Т. Џ. за Претседател на Собранието“. Понатаму звонел телефонот уште неколку пати, само еднаш дигнал, се јавил на неговиот координатор А. К. на кој му насочил дека таму е хаос и да се упатат дома. По тие настани можеби негде отприлика по десетина минути се слушнале гласови бидејќи затворена била вратата од режија само влегол еден од полицајците, потоа кога ги гледале снимките наведе дека О. се викал, во тој момент не можел да се сети, рекол „заклучете ја вратата влегува народ“. Останале заклучени внатре, значи тоа негде од 18:50 можеби 18:55 до 20:00 часот, се обидувале да дојдат во контакт со Секретарот на Собранието Ж. Д., да побараат помош за да ги извлечат од техничката режија бидејќи внатре се слушале пукања, мисли надвор од режијата, на неколку пати извици и неколку истрели. Почнало лупање по вратата „Отворете, отворете, излезете комуњари“ на што имало реакција од неговиот раководител и се слошило и дале дијазепам и се повлекле позади регалот од режијата плашејќи се да не рикошетира некој куршум и да повреди некој во режија. Во 17:30 се јавил Секретарот на Собранието Ж. Д., прашал само дали е техниката во состојба за снимање и ништо повеќе, ни околу нивната состојба, ни безбедноста, ниту можноста за излегување од техничката режија. По неколку обиди успеале да го добијат Горан Ѓошевски Леви кој најавил дека најбрзо што може ќе дојде и ќе ги извлече. Негде пред осум часот како што рекол, односно 20:00 часот, Ѓошевски Леви тропнал на вратата и им рекол да ја отворат вратата, а тој бил со уште тројца полицајци, Ф., М. и И. С. мисли се викал. Благодарение на нивната професионалност излегле веднаш, а на врата ги сочекал глас кој што рекол „Извадете ги машните на комуњарите“, по што се свртел и

забележал дека тоа бил Тошта, не го знае по име, пријатели се на Фејсбук, а Горан Ѓошевски Леви го спречил со вербална комуникација „Остави ги, наши се луѓето, службеници се тука, немаат ништо со ова“, потоа продолжиле надоле по скалите симнувајќи се со нивна придружба до излезот. По пат сретнувал некои негови сопартијци, некои луѓе што биле познати во делот околу протестите, Арамбаша кој што ги водел протестите, а и тој до 20 март бил активен, учествувал на протестите „За заедничка М.“. По насоки од раководителот на секторот М.И. од причини што почнале активно да работаат со седници му рекла да не присуствува на протестите поради професионалност во извршување на задачите, со што прекинал да присуствува после. До излегувањето од Собранието Ѓошевски Горан со обезбедувањето ги проследил, тоа било негде околу 20:10 плус, минус некоја минута. Истакна дека доколку Претседавачот наложи да се исклучи микрофонот на говорница истото веднаш можело да се стори. Појасни дека тие како партија работеле како војска, добивале насоки од Општинскиот комитет и Претседателите на Месните комитети за присуство на протестите „За заедничка М.“ како поддршка против „Тиранската платформа“. Насоките биле достоинствено да ги следат протестите без никакво нарушување на редот и мирот, задолжително без никакви провокации по секоја цена. На протестите се доаѓало во 17:00 часот пред Влада, по слободен избор, без уцени, без делење сендвичи и пари, протестите ги воделе дел од луѓе што не биле членови на партијата и имало обично реакции за Богдан Илиевски Бетмен посебно од тврдокорните членови на ВМРО ДПМНЕ во смисла што бара тука кога 2013 година плукал по нивниот Претседател Н. Г., шпекулациите биле дека тоа го работи од некој финансиски аспект, значи немал такви директни сознанија, тоа биле шпекулации меѓу членовите, за кое се реагирало на состаноците на општинските комитети. Наведе дека основачите на иницијативата „За Заедничка М.“ биле Богдан Илиевски, режисерот а тоа бил обвинетиот Борис Дамовски и Игор Дурловски, тие ги воделе протестите. Истакна дека немало говори на омраза, ниту евентуално повикување на било какви радикални активности, говорите биле како и на Дурловски да се издржи во насоките на здружението да ги испочитуваат нивните барања. Наведе дека на почетокот на протестите на кои бил присутен, Игор Дурловски секогаш ја пеел македонската химна, Игор Дурловски бил само почит што бил присутен меѓу нив и мотивација да излезат во поголем број, ништо повеќе. Никогаш Дурловски немал ракдикални говори, туку повикал за единство и да се издржи со исполнување на барањата што ги имало Здружението „За заедничка М.“. Појасни дека при телефонската комуникација преку пораки кога известил дека внатре е хаос и дека избран е Т. Џ. за Претседател на Собранието на Република М., таа комуникација била пред 19:00 часот и изборот на Претседател на Собрание бил извршен пред 19:00 часот.

Сведокот во својот исказ зборува за неговите надлежности како вработен во Собранието и за тоа кога тогашниот претседавач на Собранието ја прекинал седницата, како и за изборот на Т. Џ. за Претседател на

Собранието. Судот поклони верба на исказот на сведокот бидејќи неговиот исказ е јасен, недвосмислен и во склад со доказите.

Сведокот Ф. М. во својот исказ наведе дека на 27 април 2017 година не бил присутен во Прес салата на Собранието туку се наоѓал горе на галеријата од Прес салата. Објасни дека горе дошол меѓу последните, веќе била преполна Прес салата, а и горе на галеријата било полно. Откако веќе привршувале говорите на З. и на Џ. видел на екранот дека луѓето влегуваат, всушност удираат на вратата, а потоа и влегуваат во Собранието. Влегувањето во самата Прес сала било мошне жестоко и со директна цел што би се рекло таргет насочен кон З. пред се, односно луѓето околу него. Пред тоа се обидувале некои од пратеничките да ги спуштат од галеријата надолу сметајќи дека ќе бидат побезбедни долу, така што масите од преку кои се спуштале сеуште биле кренати едната врз другата, во таа гужва ги турнале и масите, почнале да фрлаат со разни предмети, во еден момент еден од луѓето долу кој паднал го погледнал, се сретнале нивните погледи горе од галеријата, тоа за него било најимпресивен детал, со неверојатна брзина и прецизност ја фрлил топката од ногарката од столчето, метална, со таква брзина и сила што тој за миг само ја поместил главата лево и таа профучала и се распрснала на ѕидот зад него. Импресивно било од две причини, првата неверојатната сила и прецизност била вистинска атлета, а втората очигледна прејак бил зборот да нема друг, омраза со која го погледнал гаѓајќи така прецизно право во главата. Почувствувал дека немал лично против него бидејќи не го познавал и очигледно тој го препознал само како јавна личност, меѓутоа ја имало таа енергија на еден непријателски став и тоа се чувствувало во воздухот. Луѓето околу него знаеле дека за малку време толпата ќе се прелее и горе кон галеријата, па се мислеле што да прават. Три-четворица помлади, јаки луѓе застанале пред вратата очекувајќи го упадот, тој предложил дека би било подобро да застанат пред тие стрмни скали по кои можат да се качуваат најмногу двајца, па и тоа пречејќи си еден на друг и дека таму би можеле некое време да ги задржат, а можеби и со викање и смирување донекаде да ја амортизираат таа атмосфера на анимозитетот, меѓутоа тие не се согласиле и тој излегол сам точно во моментот кога се слушнало тропањето на многу нозе по тие скали кои оделе горе кон галеријата. Причината што излегол не била сам да ги задржи, знаел дека тоа е невозможно, причина била тоа што оградата на таа галерија е многу ниска, било логично да се претпостави дека може во тоа туркање да падне долу и решил дека е подобро да се соочи со нив на рамен терен. На негово изненадување првите кои се качувале токму и стасале до вратата кога тој ја отворил, се однесувале како да не го гледаат, дури еден или двајца морал да ги помести лево, бил тесен просторот, но ниеден од нив не го нападнал и како да не го регистрирал. Тоа било во драматична спротивност со онаа експлозија на негативна енергија, омразата на оној атлет кој така прецизно го фрлил топчето. Видел дека постојат и луѓе кои највеќојатно влегле онака заедно со толпата оти оној професионалец секако веднаш ќе го регистрирал. Во

секој случај првите десетина веќе влегле и тој низ нив продолжил незнаејќи точно каде оди и се нашол на галеријата над салата 4 во која дотогаш не бил никогаш. На таа галерија имало уште тројца четворица пратеници. Било темно, но салата четири била осветлена. Некое време поминало без некој да ги забележи и да дојде горе до таа галерија. Од она што се зборувало долу оти во салата имало неколку луѓе кои не ги видел за да не ги видат нив горе, но ги слушал, стекнал впечаток дека станува збор за команда или штаб бидејќи тука влегувале и главно носеле информации некои луѓе чии што само гласови ги слушал. Две работи му биле доволно уверливи да сугерира дека станува збор за некаков команден центар, првата била што во еден миг дошол еден човек кој добил прашање од тој глас „Што стана со Села“, на тоа следело одговор „Села е готов“, „а останатите“ следело прашањето, „ќе видиме, засега знам само за Села“, значи односот на авторитетот на оној кој прашувал и прецизноста и непосредноста на одговорите на оној кој одговарал му сугерирало дека станува збор за одредена хиерархиска ситуација меѓу нив. Влегол после можеби половина сат или повеќе некој човек со капуљача на глава, црна маичка и мисли бермуда панталони, дента тој имал висока температура и главно прилегнувал, меѓутоа кога тој влегол се исправил. Човекот ги видел, еден миг молчел и потоа смирувачки дури и пријателски кажал „Седете тука, не излегувајте“. Така и се случило, некое време кога дошол тој другиот настан, некој друг глас влегол и кажал „Изгледа дека доаѓаат шиптарите со оружје“, а овој кажал „провери, не брзај, ако е точно кога ќе дојде време дај им оружје на луѓето“. После тоа се слушале гласови по оној ходник што води кон галеријата и влегле пет, шест души. Веднаш со една нота на триумфализам рекле „А, тука се криете, ве фативме сега“, меѓутоа немало никакво насилство од нивна страна, освен вербалното. На негова адреса имало неколку префрлувања со една или две пцости, меѓутоа немало ни знаци дека би биле готови да направат нешто повеќе од тоа, физички ни еден момент не чувствувал дека се подготвени да загрозат било кој од нив четворицата кои биле горе. По кратко време како да ги викнал некој од надвор и заминале, но после одново пауза од можеби 10-тина, 15 минути не може точно да процени затоа што батеријата на неговиот телефон била испразнета, а инаку заради позицијата во галеријата го имал исклучено да не ѕвони за да не се слушне дека се горе во почетокот на влезот, горе на галеријата кога влегол го исклучил, значи после 15-тина минути една поголема група дошла одоздола се слушнал гласот „виде ли кого има горе“, „Да, горе е и професорот М. е ајде одиме да го фатиме“. Влегле 20-тина души, меѓутоа и тие не го пречекориле прагот на вербална агресија и во тој момент повторно кога веќе станала малку потензична ситуацијата заради тие вербални атаци некој ги викнал и тие сите излегле надвор. По извесно време се слушнале експлозии на оние димни бомби или како да ги нарече и влегле двајца комплетно вооружени полицајци кои низ тој чад викале „колку сте тука сите доаѓајте“. Тој пошол последен со нив и тие ги однеле во приземјето од Собранието, во една канцеларија поврзана со другата во

која биле повредените и трета во која биле веќе претходно евакуираните, главно женски членови на Парламентот или на персоналот. Тука поминале некое време и тука го слушнал тој дел што се однесувал на онаа драматична епизода со оружје. Имено, некој од пратениците Албанци кажал дека била во зачеток акцијата на една група Албанци да преминат со оружје преку Вардар, но дека тие ги запреле и дека во тој поглед барем директен вооружен конфликт ќе се одбегнел. По извесно време почнала евакуацијата најнапред на повредените, потоа на жените, а тој заминал со последното блиндирано возило во касарната „Ѓ. П.“, од каде што после половина саат на негово барање излегол и со едно такси се вратил дома. Појасни дека сосема прецизно не може да каже колку време поминало од моментот кога видел на мониторот како влегува масата во Собрание до влезот на истата во Прес салата, но наведе дека бил крајно изненаден колку малку им требало да стасаат откога влегле на главната порта. Тој во тоа време уште не го познавал распоредот на просториите во Собранието и сосема е сигурен дека ќе му требало барем двојно повеќе време, било очигледно дека барем првите кои упаднале во Собранието или го знаеле точно најкусиот пат или некој ги водел таму, бидејќи од ударот и пробивањето на вратата во Прес салата поминало навистина не повеќе од минута, во секој случај исклучително бргу и далеку над времето кое тој мислел дека ќе им треба за да стасаат до Прес салата. Појасни дека во втората галерија од оние што ги споменал помладите биле П. Б., П. И., генералот И. Н., а тука бил и М.З. и неколку колешки, па очекувал дека на колешките нема ништо да им се случи, но за колегите претпоставил дека може да се одвиваат настаните поинаку заради што и помислил дека би било добро колку, толку, биле 4-5 души, да се организираат барем некако да го амортизираат првиот удар, а тука бил и К. Д., меѓутоа откако излегол не знае што натаму се случувало на галеријата. Притоа појасни дека во галеријата во сала 4 го нашол генералот И. Н. и бил Т. Т., била и колешка пратеничка која седела сосема на крајот во темницата и мислел заради условите кои бараат целосна тишина да не се движи многу до неа, му изгледало дека е на сигурно, мисли дека била една од колешките Албанки, но не е сигурен, тие тројцата биле релативно блиску еден до друг. Истакна дека стравот никогаш не му бил одлика на карактерот, а во негови години би му било и срам да се плаши, но токму затоа што не бил во паника, бил длабоко потресен како човек кој живее таму каде што го чувствува својот дом. Цело време бил под впечаток на оној замав и онаа експлозија на омраза, бил и како филозоф збунет, соочен со еден таков настан, до каде оди некаква човечка ирационалност и колку сето тоа може да остави длабоки траги и трајно недоразбирање дури и меѓу најблиските. Ако стравот не бил неговото чувство, тогаш доминантното чувство било длабока меланхолија, едно длабоко потресно чувство дека се направило нешто што тешко ќе се поправи, дека блиски луѓе едни со други длабоко се скарани и дека таа караница не може да биде оправдана со никакви идеолошки разлики. Таа димензија е за него за жал и најмеланхолично, но

и суштинско доживување од тој 27 април, чувството дека многу луѓе од кои некои и ги знаел многу добро и ги познавал, во еден таков момент ја испуштиле од раце онаа своја толку цврста човечност и пуштиле узди на една ирационалност, но од друга страна тој не е злопамтило и иако бил длабоко разочаран, веќе морал да каже, пред се од реакцијата на многу колеги пратеници од ВМРО од кои очекувал да застанат пред луѓето кои демонстрирале и да кажат ова е нивни заеднички дом, на крај го видел само пратеникот В. Ѓ. да дојде кај нив во онаа просторија долу и да се обидува да помогне таму каде што може, меѓутоа дури и тоа чувство многу бргу поминало. Тој имал добра меморија не заборавал, но простувал, во таа смисла она генерално филозофско разочарување останало, но човечка нетрпеливост не чувствувал кон ниту еден од оние кои тогаш и со него биле груби, а ни од оние кои го направиле тоа што толку го потресло, повеќе како човечко суштество и мислител, а помалку како него лично. Во таа возраст веќе малку нешта можат како човек лично да го потресат, се потресувало она генералното антрополошкото чувство. По однос на вербалните напади кога бил на галерија на сала 4 наведе дека тешко е да се објасни, а да не се повтори директно, не знае како индиректно да прераскаже пцовки, меѓутоа директно на негова адреса имало неколку пцовки кои не останале без негов коментар, но не како пцост, туку како прашање дали не се срамат така да зборуваат за човек кој 40 генерации бил професор и ги учел нивните деца да не се однесуваат така како што се однесуваат тие, но се разбира тоа не бил некој академски дијалог, секако тогаш го кажал многу погласно и многу пократко, но тоа било смислата и на нивните навреди и на неговата педагошка функција во вон академски услови.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што истиот преку еден јасен, категоричен и недвосмислен исказ даде хронолошки опис на настаните. Истиот во својот исказ наведува дека насилната толпа за неверојатно кратко време стигнала до местото каде што се наоѓале пратениците иако е тешко снаоѓањето во внатрешноста на Собранието. Воедно истиот јасно посочи кој бил таргет на насилниците, а тоа бил З.З.. Зборува за омразата која ја видел кај насилниците, за нивното однесување, за неговата разочараност од таквото однесување, но и за длабоката потресеност која ја чувствувал. Истиот стекнал впечаток дека постоел некаков команден центар со оглед да имало некаква одредена хиерархиска ситуација меѓу самите насилници.

Во својот исказ сведокот К, Д, наведе дека на 27-ми април 2017 бил пратеник во Собранието на РМ и бил присутен во Собранието, а бил присутен и во Прес салата кога течела прес конференцијата на господинот З. и господинот Џ..Тој се наоѓал во горниот дел на салата додека се одвивала прес конференцијата. Наведе дека на почетокот се слушале лупања, извици во салата, сите биле преплашени во тој момент, не знаеле што ќе се случи. Откога влегла толпата во Собрание според негово мислење првата толпа која влегла доле во салата кај што се наоѓал

Премиерот З. и другите, тие горе размислувале што да прават, дали и тие да се симнат во долниот дел од салата или да чекаат таму. Тој лично во моментот размислувал дали да чека, обично знаел да се брани сам, меѓутоа во толкава толпа калкулирал како да постапи па така решил да чека и да види што ќе се случи во првиот момент. Видел многу лица со фантомки, слушал извикувања, „ќе ве убиеме сите“, „од тука никој нема да излезе жив“, почнале да се качуваат по скалите таму каде што биле тие на таа тераса на прес конференцијата, искрено по него не посегнал никој да го нападне лично, но го нападнале неговиот другар П. Б., го нападнале и Е. И. кој заедно со него бил горе на теасата. Гледале доле што се случувало, решил да се симне доле да проба, да види, да излезе од ситуацијата. При симнување од скалите го видел лицето И. Д., стоел надвор од Прес салата, стоел на два метри од скалите пред салата и мисли дека тој ги посочувал луѓето како организатор кој каде да оди, но наведе дека не е сигурен, според негово мислење мисли дека и кај него испратил луѓе со зборовите „и овој е еден од нив“ и откако дошле мисли дека биле тројца постари лица имал предност што бил над нив, одозгора и така ги одбивал од него за да се симне доле и да го земе обезбедување од Собрание да го однесе во една од канцелариите на Собранието да го засолнат. Таму чекале негде околу 2 часа, додека не дошле обезбедување и лица од полиција да ги извадат, да ги евакуираат во касарната „Ѓ.П.“. Наведе дека додека се уште бил на галеријата и видел како влегува толпа народ внатре во Прес салата мислел дека нема да излезе никој жив од тоа, толку насилство, толку злоба, омраза, па сите се плашеле за своите животи.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што неговиот исказ е јасен, категоричен и недвосмислен, а е во склад со останатите докази. Тој во својот исказ даде хронолошки опис на настаните зборувајќи за насилството кон пратениците, за злобата, омразата, за упатените закани, и за стравот кој го чувствувале. Во делот во кој зборува за дејствија на обвинетиот И. Д. судот не поклони верба од причина што неговиот исказ во овој дел не е категоричен, туку истиот едноставно кажа дека мисли, но не е сигурен.

Сведокот Д. М. К. во својот исказ наведе дека како новинар на 27 април 2017 година била во Собранието на РМ од 11:00 часот. Собраниската седница тој ден почнала вообичаено како и сите други во изминатите месеци бидејќи конститутивната седница траела со месеци. Она што тој ден било различно од сите други денови претходно, било обраќањето на тогашниот лидер на опозицијата З. З. од собраниската говорница. З. отворено најавил дека мнозинството во Собранието е на крај на трпението, како што кажал и дека согласно како што рекол процедурите ќе го избере новиот Претседател на Собранието бидејќи имало доволно гласови за тоа. По неговото обраќање се вжештила атмосферата во однос на напнатост, нервоза, раздвижување меѓу пратениците, особено во пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, бидејќи З. најавил дека ќе го бираат

Т. Џ., меѓутоа не кажал кога, не кажал каде, не кажал како. Наведе дека не е невообичаено пратеници да излегуваат од салата со телефоните, да разговараат меѓусебе, да се враќаат, па повторно да излегуваат, меѓутоа тој ден фрекфенцијата на таквото излегување била зголемена. Таа како новинар имала комуникација со сите координатори на пратеничките групи бидејќи подолго време е таму, вообичаено првата петорка од пратениците тие што се најактивни. Дента не можеле да добијат, барем таа не можела да искомуницира со дел од пратениците на ВМРО ДПМНЕ со кои што комуницирала, конкретно заради став по обраќањето на З., што е планот, ќе има ли коментар, има ли став за тоа. итн. Нервозно било многу тој ден. Откако претседавачот на конститутивната седница Т. В. ја затворил, мнозинството останало во салата, останале и пратениците од опозицијата, напнатоста била на високо ниво. Мнозинството го избрало Т. Џ. по што биле известени новинарите кои што се наоѓале на собраниската галерија, дека новоизбраниот претседател ќе има прес конференција во Прес центарот, а обраќање ќе има и претседателот на СДСМ З. З.. Се упатиле во Прес центарот, најпрво зборувал З. З., а потоа Т. Џ.. Додека се обраќал Т.Џ. телевизорите во Прес центарот биле пуштени и одел директен пренос од телевизија Нова. Вниманието на новинарите повеќе било насочено кон екранот отколку кон тоа што го зборувал Џ.. На преносот одело во живо како поголема група на луѓе, толпа на луѓе доаѓаат пред главниот влез на Собранието и како влегуваат во Собранието преку главниот влез. Настанала нервоза во Прес центарот, некој од пратениците во Прес центарот му дал знак на Џ. да престане со обраќањето. Веќе било многу нервозно, почнале да се слушаат и гласови, дел од пратениците кои што биле на галеријата во Прес центарот, бидејќи има галерија која што е релативно многу мала преку се обиделе да ги прекачат, односно да се симнат во Прес центарот преку маси и столови. Во тоа време веќе вратата која што е во Прес центарот била затворена од тогашниот Началник на собраниското обезбедување А. Ј. кој што бил во Прес центарот и мисли дека уште еден или двајца членови на собраниското обезбедување. Била извадена и кваката. Пратениците кои што биле во Прес центарот биле нервозни, вртеле по телефони, таа скримала преку фејсбук, оделе во живо во програма, бидејќи камерата не и функционирала, а снимателот со камера бил со неа, меѓутоа линкот на камерата не функционирал, а Фејсбукот функционирал, па преку нејзиниот фејсбук директно во програма снимале што се случува. Била на помалку од едно метро од Т. Џ. и З. З., ги прашала дали можат да ја гарантираат безбедноста на новинарите и на собраниските служби бидејќи надвор веќе се слушале викотници. Т. Џ. и одговорил дека е сигурен дека институциите ќе си ја завршат работата. Таа изјава одела директно во програма на телевизија 24 преку Фејсбук. За кусо време толпата успеала да влезе, тоа бил налет на гнев, омраза, луѓето навредувале, викале, пцуеле. Меѓу луѓето кои што влегле забележала одреден број на луѓе со црни качулки и црни маички со кратки ракави кои ја воделе толпата, дел од нив со гестикулации покажувале кој каде да се движи и директно насочувале

бидејќи директно се насочиле кон пратениците и кон З., особено З., а тие, новинарите инстиктивно се одделиле во едниот ќош, додека пратениците останале во другиот ќош. Целта била З. З., според она што бил нејзин впечаток, директно викале „ќе го убиеме“, „предавници“, „шиптарски слуги“ и ги пцуеле. Фокусот бил З. З. според нејзината проценка и според тоа како толпата се движела, Т. Џ. и З. С. иако и другите пратеници не поминале без повреди. Толпата удирала со се што имала во раце, дел удирале со знамиња кои што ги донеле, односно јарболите од знамињата, дел со дрва некои, дел со стативите од камерите како што ги земале удирале, дури почнало да се мава и со мебелот од Прес центарот. Во првиот налет фокусот биле само пратениците и З.. Кога се слушнал истрел толпата се повлекла, имало момент на вакум период, се повлекла толпата, за веднаш кратко време потоа состојбата буквално да ескалира и сите да почнат да удираат по секого. Тука мисли и на новинарите, особено цел на напад биле телевизиските новинари или новинарите кои што ги препознавале. Тука таа го заработила првиот удар од повозрасен господин кој што и се обратил „работиш во предавничка телевизија, вие сте предавници, соросоитка“ и ја удрил во ѕидот. Во хаосот забележала и двајца нејзини соседи, едниот само ја поттурнал, а другиот и се обратил со зборовите „излегувај ќе биде опасно“. Тргнала да излезе, човекот кој што ја удрил се створил повторно после неа, пак накај излезот сретнала еден крупен дечко со црвено -жолта лента на раката, кој што и се обратил „јас те знам, те гледам, ти ги гледам емисиите, многу си добра, застани до мене за да не те напаѓаат“. Човекот кој што одел цело време позади неа кој што ја удрил првиот пат, му се обратил нешто со зборовите „ама знаеш ли ти кого браниш, она работи против државата, нив З. ги плаќа а они работат за З.“. По кусо време човекот си излегол, си излегол и Д., таа застанала во ќошот во Прес центарот, во долниот ќош пред излезот. Тепањето на пратениците траело во целиот тој период, полиција немало, ама таа лично мислела дека се уште е рано. Буквално сеуште се фрлало по пратениците со се што ќе им дојдело на дофат на луѓето, а дел од нив веќе имале и видливи повреди и биле во крв. Од местото каде што стоела видела како, нејзиниот впечаток бил дека З. С. тргнува сам бидејќи тој бил во ќошот позади З. и позади сите пратеници, најпоследен бил во тој ред како што биле наредени и како што стоеле пратениците.Тогаш го опколиле многу луѓе, почнале да го маваат, пред тоа имало конкретно и кон него од делот демонстрантите удари или од луѓето кои што напаѓале, конкретно еден дечко со сива качулка фрлил со дрво накај С., наведе дека го издвојува овој момент бидејќи истото тоа лице и неа подоцна ја нападнало, ја удрило по левата раката, по што од специјалист и биле констатирани повреди, но не вечерта туку после одредено време, а за тоа имала и соодветна медицинска документација. Наведе дека С. го удирале од 6 до 8 луѓе директно во глава, крвнички. Целиот бил во крв, буквално се барало простор повеќе за некој да шутне кон него, фокусот била главата. Сето тоа траело од 2 до 3, 3 до 4 минути, неа и се чинело дека е цела вечност. Додека траел нападот на Села не престанувал нападот на пратениците,

веќе повеќето биле со раскрвавени глави, со крвави кошули. Кога С. го земале да го вадат, пред да го извадат му ја кренале главата за коса буквално, целото лице му било во крв, тука и бегала првата мисла дека ако тоа може да му се случи на пратеник може на секој од нив да му се случи. Села го кренале во раце, го извлекле надвор, нозете му се влечеле и оставало крвави траги. Не знае каде го однеле, таа кога излегла немало ништо, немало траги од него во ходникот, но имало крв. Во ходникот помеѓу салите 3 и 4 имало луѓе, дел од нив викале, имало еден човек што го кршел кафематот, од нигде никаде повторно се појавил човекот кој што ја удрил првиот пат, сега не ја удрил, но се обидел да и го земе микрофонот од ташна бидејќи немала телефон, ташната не и била затворена, а микрофонот се гледал со лого на 24, ја пцуел, ја навредувал со зборовите „ Платеничка на СДСМ“, „предавничка“, „шиптарска курво, колку ви плаќа З. да ја предадете државата“ и се обидувал да го извади микрофонот од ташната, не знае зошто, кога го прашала што ќе му е, не и одговорил туку само ја навредувал и викал „ајде сега збори сега против нас, да те видам“. Влегла во собраниското бифе, таму била Н. С. од Телевизија 24 која била со неа попладнето во Собранието, колегата З. Ј. од 21 ТВ, Г. Т. од СДК.мк, а вработениот во бифето што е собраниско и бил таму дечкото за кој што подоцна дознала дека се вика Д., кој што на почетокот и рекол „стој до мене нема да те напаѓаат ако си до мене“. Наведе дека заборавила да каже дека за сето тоа што се случувало таа известувала преку телефон, телефонски во емисија, бидејќи многу брзо по првиот налет откако влегле луѓето во Прес центарот и се исклучила батеријата на телефонот преку кој што снимала и цело време ја вклучувале преку телефон. Пред да влезе во собраниското бифе се јавила во телевизија, им рекла „мислам дека го убија С., ама не можам да потврдам затоа не објавувајте“, а во собраниското бифе и дале вода, го ставила телефонот да се наполни малку, пратила пораки до дома дека е добра. По извесен период бидејќи на Наташа телефонот функционирал и рекла да се вратат назад во Прес центарот да направат некоја снимка за Телевизија. Влегле внатре без проблеми, а се уште имало толпа на луѓе која што се уште удирала по пратениците, нејзиниот впечаток бил дека не биле истите од претходно. Таму бил и пратеникот В. Ѓ. кој како жив штит бил застанат меѓу пратениците од мнозинството и напаѓачите, Б. Ѓ. од Дневник тогашен, во тој жив штит се приклучил и колегата Г. Т.. Дел од луѓето кога забележале дека Наташа снима, односно скрима преку фејсбук почнале да и се закануваат, да и го земаат телефонот, ги опколиле двете, при што им го земале телефонот, им го фрлиле на земја. Наташа успеала да го земе од земја, па пак и го земале од џеб, го газеле и така, го фрлиле долу и го газеле па таа успеала да го земе и тргнале да излегуваат кон излезот. За цело време околу 4-5 луѓе кои ги опколиле, оделе по нив. На крајот од ходникот пред влезот во другата сала повторно ги опколиле и барале од Н. да ги избрише снимките и да им го даде телефонот, биле многу блиску до нив, како што биле опколени многу им се доближувале, им викале, дајте го телефонот, избришете ги снимките,

каде ќе ги носите итн. Н. во тој момент му се обратила на еден од нив и рекла „само тебе ќе ти го дадам телефонот“. Тој рекол „добро ај да влеземе во оваа сала“, значи Н., дечкото и уште двајца мисли дека влегле во салата. При обидот и таа да влезе со нив еден од луѓето кои што ги опколиле ја удрил по лице. Вратата ја затвориле и не и дозволувале да влезе, излегла накај скалите кои што водат до влезот Винар, таму секогаш имало собраниско обезбедување. Имало, му се обратила на собраниското обезбедување, веќе тука со солзи, „колешката ми ја затворија ја држат на само четворица, те молам помогни ми“, човекот избегнувал да ја погледне и само и рекол „не можам ништо да направам“. Бидејќи го знаела многу добро собранието таму била повеќе од 10 години како собраниски известувач, од споредлен влез успеала повторно да дојде во салата каде што била Н.. Вратата веќе била отворена, Н. плачела и мереле пулс, ја миеле со вода, само и рекла „добро сум“, но била видно вознемирена. Тука и поминала мисла низ глава дека тие од таму живи нема да излезат. За кусо влегле повторно во собраниското бифе и таму останале до евакуацијата. Најпрво почнале да слушаат татнежи, потоа се изгаснало светлото и се се наполнило со чад. Имала алергиска бронхијална опструкција, почнала да се гуши, колегата Г. Т. од некаде нашол крпа ја намокрил со вода и и ја дал да дише. Наташа пишала на некого порака „во бифето сме, се гушиме ни треба помош“, за кусо се појавил В. Ѓ. со полицаец во цивилка, земале само пакети со вода и им рекол „останете тука за брзо ќе ве извадиме“, а за кусо време влегле специјалци и ги извадиле. Стоеле во ходникот некаде 10-15 минути, немало никој повеќе ниту од луѓето, никој немало таму во Прес центарот, се било искршено. Со кордон ги спровеле во канцеларијата на В. Ѓ.. Таму биле сите пратеници, дел собраниски служби, дел новинари, имало многу повредени, многу крвави глави, имало и екипа на лекари, мисли дека биле од Собранието лекарите, од собраниската амбуланта, кај што пружале прва помош на повредените. В. Ѓ.влетал, кажал дека се уште има многу луѓе надвор пред Собрание, дека се уште било опасно за евакуација, меѓутоа со помош на Н. Т., најмногу повредените се носеле во болница, С., Р. Ш. и мисли дека било обезбедувањето на О. С.. Потоа, еден од  полицајците кој што бил во цивилка побарал новинар кој што го знае добро Собранието за со него да оди во обиколка да не останал некој пратеник заглавен во некоја канцеларија или некој од собраниските служби. Направиле обиколка на еден од спратовите, не нашле никого и се вратиле назад во канцеларијата. По кусо време Влатко повторно влетал, му се обратил на Т.Џ. и на дел од пратениците тука што биле Албанци, со зборовите, „вртете телефони Албанци се тргнати од Ч., Б. и Т., може да биде големо“, по што Џ. и дел од пратениците почнале да вратат по телефони, Ѓ. излегол. По некаде 15-тина минути, половина час рекле дека е безбедно да ги евакуираат, најпрвин повредените, па жените и потоа сите останати. Ги спровеле со кордон во гаражата и со возила на АРМ во касарната Ѓ. П.. По кусо време таму некаде половина час, таа, Н. и снимателот Д. Ч. кој што бил за време на целиот напад во Прес центарот и останал во ќошот со пратениците, се

упатиле кон Телевизија 24, гостувале во отвореното студио да ги кажат нивните впечатоци. Раката не престанувала да ја боли наредните денови, по неколку дена како што напоменала, била на преглед на специјалист, и констатирале повреди. По една недела потоа се јавила на психијатар бидејќи имала флешови особено навечер, под терапија била долго време. Со терапиите од психијатарот во овој временски период, по терапиите сфатила дека има и дупки во сеќавањето, како што поминувало времето, за дел од нејзините активности или активностите на другите кои што подоцна по снимките излегле, не се ни сеќавала точно. Психијатарот велел дека тоа било нормална ситуација на голем стрес и трауматска состојба. Објасни дека од кога толпата влегла во Собранието, кај неа најпрво работел адреналинот, да се јави колку може повеќе пати, да извести што може повеќе во детали, да забележи што може повеќе детали, но по извесен период кој што траел долго, вечност, кога сфатила дека полиција нема, дека никој ништо не превзема и дека се препуштени сами на себе почнала да се плаши. Стравот се зголемил кога ја видела крвта по ходници, мисли дека кулминирало кога Н. ја затвориле, не знаела што се може таму да и се случи, кога не добила помош од собраниското обезбедување и на крајот кога почнале да се гушат. Дури го направиле муабетот „можеби не не убија ама, ќе се загушиме тука". Кога ги евакуирале сите биле во шок, таа била во голем шок, како можело тоа да се случи и како можело никој да не превземе ништо толку долго време. Сведокот во својот исказ истакна дека по патеката, односно коридорот по кој се движела во Собранието не видела воопшто униформирано лице. Појасни дека кога таа поради својата работа двапати влегувала и излегувала од салата за прес конференции, вратата била отворена.Таа исто така во својот исказ наведе дека во сала 1 „М." бил избран новиот претседател, а тоа бил Т. Џ. и дека пратениците на опозицијата кои биле присутни во салата не го спречиле тој избор, односно немало никаков физички контакт, тие биле тргнати, повлечени на страна, викале „ова е пуч", тропале со рацете по клупите и ја бранеле собраниската говорница.

Судот во целост поклони верба на исказот на сведокот кој низ емотивното сведочење пропратено со солзи даде целосно хронолошки опис на настаните во Собранието на 27 април 2017 година. Нејзиниот исказ е јасен, категоричен, недвосмислен и од истиот јасно произлезе за какво насилство станува збор не само кон пратениците туку и кон новинарите. Истата посочи со кои и какви предмети биле тепани, а поточно биле удирани со се што имале во раце, знамиња кои што ги донеле, односно јарболите од знамињата, дрва, стативите од камерите, дури почнало да се мава и со мебелот од Прес центарот. Од исказот на овој сведок многу јасно може да се заклучи дека таргет на разгневената маса бил пред се З., како и Т. Џ. и З. С., а меѓу луѓето кои што влегле забележала и луѓе со црни качулки и црни маички со кратки ракави кои ја воделе толпата, дел од нив со гестикулации покажувале кој каде да се движи и директно насочувале. Од исказот на сведокот произлезе дека толпата за кусо време успеала да влезе, при што наведе дека тоа бил налет на гнев, омраза,

луѓето навредувале, викале, пцуеле. Воедно сведокот зборува и за нејзината состојба после настанот, а поточно дека истата била и на психијатар бидејќи имала флешови особено навечер, под терапија била долго време.

Сведокот А. Н. во својот исказ наведе дека на 27-ми април 2017 година тој ја извршувал функцијата Министер за внатрешни работи и притоа истакна дека прво сака да стави акцент на неколку прашања кои се врзани со кривичниот предмет, кои се однесуваат на институционалната рамка, односно на законската рамка каде се предвидени точно процедурите, надлежностите, обврските кога има нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем. Напомена дека во рамките на МВР, а во контекст на кривичниот предмет од посебно значење се неколку интерни акти донесени од Министерот за внатрешни работи со кои детално се уредени начинот за давање задачи и координација, начинот на вршење на криминалистички истражувања и справување со криминални групи како и начинот за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи т.н златна, сребрена и бронзена команда. Наведе дека конкретно сака да стави акцент на упатствата за давање на задачи и координација каде се предвидува национален разузнавачки модел, како основен модел на делување по кој преку собирање и управување со информации се овозможува донесување на одлуки за водење на полициското работење и тоа на начин со кој активностите на полицијата против криминалот, нарушувањето на безбедноста, на јавниот ред и мир, ќе бидат насочени, адекватни, правовремено превземени со соодветни мерки и активности. Истакна дека процесот на давање на задачи и координација се реализира преку состаноци на група за давање на задачи и кординација која има за цел да донесе контролна стратегија во која ќе бидат утврдени приоритетите за разузнавање, превенција и спроведување. Упатствата предвидуваат стратешкото однесување и насочување на процесот на давање задачи и координација да се спроведува преку стратешки групи за давање на задачи и координација на централно и регионално ниво. Во таа смисла стратешката група за давање на задачи и координација е работното тело на ниво на Бирото за јавна безбедност. Истакна дека критичниот ден на 27 април бил службено во К. и се вратил дома попладне. На телефон пред 18,00 часот му се јавил заменик директорот на БЈБ и го прашал дали ги следи дебатите во Собранието. Тој дома го пуштил телевизорот и ја видел толпата пред Собранието, по што веднаш пуштил СМС порака до директорот на БЈБ, односно до раководителот на Оперативниот штаб, односно до раководителот на групата за давање задачи и кординација на Бирото на тој Оперативен штаб, односно до златниот командир бидејќи сите тие функции се вклопуваат во една личност земајќи ги во предвид институционалните и законските регулативи. Пораката била пуштена во 17,59 минути со следната содржина: „Директоре, дали ги следите дебатите во Собранието, има ли можност да ескалира ситуацијата,

поздрав“, после неколку минути, односно во 18,03 минути добил одговор со СМС пораката, „Нема можности, засега се е под контрола“, после таа порака, веднаш после една минута, во 18,04 минути ја добил втората порака со содржина „Надвор нема проблеми“, но во меѓувреме кога видел дека ситуацијата почнала да се ескалира се упатил директно во С. бидејќи живеел во село С., Т. и од тој момент кога видел дека ситуацијата почнала да ескалира, неколку пати правел обиди да го добие на телефон директорот на БЈБ. Не се сеќава колку пати го барал на телефон, но за жал немало одговор. Додека бил во телефонска комуникација, кога видел дека сите влезови на Собранието биле блокирани, иако не добил одговор телефонски, пак пуштил една СМС порака до Директорот на БЈБ во 18,58 минути со следната содржина „Директоре, нема доволно полицајци, сите влезови се блокирани на Собранието“, но повторно не добил ниту СМС порака, ниту одговор телефонски. Бидејќи ситуацијата екскалирала, додека дошол до С. имал реализирано и неколку телефонски комуникации со одредени личности, односно одговорни според Оперативниот штаб, односно според предметните надлежности што ги имале тие личности во Оперативниот штаб, односно во нивните служби, организациски единици. Во периодот од 18,00 часот до 19,30 ако се сеќава точно, имал реализирано 9 телефонски комуникации со началникот на Секторот за внатрешни работи С., тој бил и раководител на помошниот штаб токму за оперативната акција „Платформа“. На сите тие комуникации имал добиено одговор дека се правеле обиди од страна на СВР, односно од помошниот штаб и дека ќе се превземат соодветните мерки како што биле предвидени со плановите на Оперативниот штаб. Во меѓувреме, додека бил на пат до штабот да пристигне во С., исто така реализирал неколку телефонски комуникации со началникот на Одделот за специјални полициски операции, од периодот помеѓу 19 - 20 часот реализирал пет телефонски комуникации. Од сите тие комуникации имал добиено одговор дека се правеле обиди од нивна страна за да ги ангажираат специјалните сили, исто така успеал да реализира телефонска комуникација и со началникот на внатрешно и надворешно обезбедување на Собранието. Стигнал во МВР, се упатил во просториите на оперативниот штаб, а стигнал во 19,25 минути и од дежурниот во штабот барал веднаш да даде наредба за евакуација на пратениците од Собранието. Додека бил таму напомена дека дежурниот во штабот неколку пати излегол од просториите на штабот и комуницирал телефонски, но со кого не знае, во тие први минути тој го прашал за планот на Оперативниот штаб, односно за планот на оперативната акција. Според негова лична проценка, дежурниот во штабот имал резерва кога тој ги барал плановите, тој барал да се превземат мерки за евакуација на пратениците. Во тој момент ги информирал присутните во Оперативниот штаб, односно дежурниот во Оперативниот штаб дека физички се нападнати од страна на маскирани вооружени лица и мора да се превземат мерки за евакуација на пратениците, според информациите што тој ги добил од разни извори и од директниот пренос на телевизија што го имале во оперативниот штаб.

Потоа, барал од дежурниот во штабот да издаде повторно, не знае колку пати, не се сеќава, наредба за евакуација на пратениците и го информирал дека после 18,00 часот до тој момент тој не успеал да стапи во комуникацијата со раководителот на Оперативниот штаб. Во 19,58 минути повторно барал од дежурниот да направи соодветни проценки и ако има потреба да се превземат сите неопходни мерки, превентивни, а по потреба и репресивни мерки и барал итно на штабот да презентира раководителот на штабот. После 20,00 часот во штабот пристигнал Директорот на БЈБ, кога влегол зборувал телефонски, со кого зборувал не знае, тој веднаш го прашал „каде си“ и „дали ти пуштив порака и те прашав за состојбата“, а тој му одговарил „Што ако ме прашуваше“ и бил агресивен во постапувањето спрема него. Му кажал „дојди седни“, тој седел пред телевизорот каде имало директен пренос, а Директорот на БЈБ седел покрај него и тој му рекол зошто полицијата не постапува, одговорот бил „Што мислиш што се случува, ништо, народ се случува“, и од тој момент сфатил дека гаранциите претходно, дека тој ќе постапува професионално и на формалните и на неформалните средби му гарантирал дека нема да дозволи нарушување на институциите или нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем. Напомена дека од моментот на пристигнување во оперативниот штаб поминало околу половина час, колку што може да се сети и немало наредби од страна на директорот, односно раководителот на штабот. Нормално дека ситуацијата почнала да ескалира, разни информации, дека внатре во Собранието имало пратеници кои се убиени, имало информации дека по завршувањето на спортскиот натпревар бидејќи во тој момент имало спортски натпревар блиску С., не знае точно каде, тој предупредил таму дека можно е според информациите што ги добил од разни извори дека и публиката која учествувала во спортскиот натпревар има можност да се упати кон Собранието. Мисли и проценил дека во тие околности можеби и некои индивидуалци, група на интереси, можат да учествуваат на тие настани и барал што побрзо тој да даде наредба бидејќи неколку пати барал и од дежурниот, барал и од началникот на СВР С. и од началникот на ОСПО, Специјални единици С., Одделение за специјални полициски операции, бидејќи немало реакција на полицијата, а тоа на телевизискиот пренос можело да се види директно во оперативниот штаб и од тој момент кога тој му кажал дали тој бил вистинскиот момент или нешто друго не може да докаже, но тој момент почнал директорот, односно раководителот на штабот, односно командирот на златната команда да постапува инситуционално и од тој момент тој немал некоја забелешка бидејќи гледал и добил информација од терен, тој имал и директни преноси за медиумите и добил и одговор дека полицијата почнала да постапува во Собранието. Појасни дека началник на Одделот за специјални полициски операции бил Митко Пешов и со истиот разговарал четири, пет пати телефонски, точно пет пати, а разговарале за ангажирањето на специјалните единици во составот на одделот што побрзо и поефикасно тие да интервенираат и да се превземат мерките според планот на

оперативниот штаб. Исто така појасни дека дежурен во Оперативниот штаб кој го споменал во неколку наврати бил началникот Душко Лазаров. Наведе дека немал добиено информации колку полициски службеници биле ангажирани во обезбедување на Собранието, односно на протестите тој ден од страна службите, односно од страна Оперативниот штаб, иако на 4-ти март 2017 година тој како Министер за внатрешни работи свикал колегиум каде учествувале и неговите советници и соработници и составот на штабот каде имале донесено неколку заклучоци поврзани со тоа прашање, односно со одговорот. Тој барал, односно од колегиумот што го свикал заклучоците биле целокупните капацитети на Министерството за внатрешни работи да се стават во функција со цел да се гарантира безбедноста на граѓаните и државните институции, тоа бил првиот заклучок. Вториот заклучок бил Централните полициски служби заедно со Одделот за обезбедување на личности и објекти при СВР С., да изготват конкретни планови со одговори за обезбедување на јавни собири при евентуално нарушување на јавниот ред и мир од поголем обем, обид за насилно влегување во државните институции Собрание и Влада и план за мерки со кои ќе се гарантира безбедноста на пратениците во Собранието на РМ. Исто така, да се направат напори материјално технички средства и опрема да се стават во функција со цел да се одговори на потребите за обезбедување на безбедноста, Оперативниот штаб да ја следи безбедносната состојба и благовремено да предложи да се активира ОСПО, ЕОП и стави на располање на подрачјето на С.. Оперативниот штаб да ја следи безбедносната состојба и благовремено да предлжи доколу се укаже потреба да се комплетира ЕБР, односно специјалните сили, да се прибираат оперативни сознанија за евентуално нарушување на јавниот ред и мир и благовремено доставува до Оперативниот штаб со цел превземање на понатамошни мерки. Одделот за криминалистичка полиција да изготви оперативни планови за оперативно покривање на криминални групи кои би ги искористиле протестите за предизвикување на насилството на протестите, и некои други заклучоци. По однос на тоа дали бил информиран за ангажирање на полициските сили според плановите наведе дека сака да напомене дека на 9-ти март 2017 година исто така свикал колегиум на кој биле донесени неколку заклучоци, односно обврски за службите, односно за штабот. Првиот заклучок бил оперативниот штаб поактивно да пристапува кон задачите и овластувањата кои ги црпи од позитивните законските прописи со цел добивање на релевантни оперативни информации за моменталната безбедносна состојба на чија основа ќе се прават безбедносните проценки со цел одржување на поволна безбедносна состојба и УБК во писмена форма да изготви безбедносна проценка од делокругот на своите надлежности за добиени сознанија и проценка за таканаречените критички датуми кои се поврзани со одржување на собраниски седници и да се достави до Оперативниот штаб и орган при Бирото за јава безбедност, а донеле и некои други заклучоци врзани директно со оперативната акција „Платформа“. Тој не бил информиран од

службите дека такво нешто ќе се сличи на 27-ми април. Истакна дека дека во рамките на БЈБ постоела група за давање на задачи и координација со која група раководел Директорот на БЈБ и плус четири други членови, ја имале тактичката одлука, ја има на располагање, број 222-68/02/2017 од 02 март 2017 година, од каде произлегува и воспоставувањето на оперативната акција и воспоставување на Оперативниот штаб и биле донесени неколку насоки. Наведе дека  морал да се базира на актите бидејќи прашањето е врзано со процедурите и донесените акти од страна на групата за давање на задачи и координации по однос на тоа кои се причините за отварање на оперативната акција и формирање на оперативниот штаб, воспоставувањето на оперативната акција се случило заради добиените информации од повеќе организациски единици при МВР, за можностите за нарушување на јавниот ред и мир на јавните собири од граѓанската иницијатива под мотото „За заедничка М.“ и целта на воспоставување на оперативната акција била организирано, синхронизирано и координирано превземање на мерки и активности за спречување на секој обид да се загрози безбедноста и сигурноста на граѓаните и институциите на системот за кои ќе биде потребна брза полициска акција и ангажирање на поголем број на полициски службеници и организациски единици при Министерството. По донесување насоки од страна на групата за давање задачи и координација со кој раководел Директорот на БЈБ и како што споменал и четири други членови бил предложен и составот на штабот и со Оперативниот штаб бил предложен заменик директорот на БЈБ. Заменик директорот, односно раководител на оперативниот штаб на 6 март 2017 година свикал состанок со оперативниот штаб и биле разгледани заклучоците од колегиумот со Министерот за внатрешни работи од 04 март 2017 година, а по дадени насоки на 07.03.2017 година од страна на директорот, односно раководителот на групата за давање задачи и координација при БЈБ, значи директорот донел одлука и преку помошникот на директорот А. Т. во ОК при БЈБ дал дополнителни насоки на помошник директорот на БЈБ, С. С., за промена на носителот на златната команда и другите промени во составот на Оперативниот штаб со образложение заради поуспешно организирање, раководење и координирање на мерките и активностите во врска со оперативната акција. На неформалните состаноци одлуката на директорот за промените во Оперативниот штаб се усогласила бидејќи се вклопувале надлежностите на директорот на БЈБ, односно предметните надлежности, функционалните надлежности на сите служби, односно организациски единици при БЈБ со мерките и активностите кои требал да ги превземе, односно за кои била воспоставена оперативната акција, односно Оперативниот штаб. Од моментот на давање задача од страна на директорот на Јавна безбедност на 07 март бидејќи бил и надлежен како раководител на работната група за давање задачи и координација и на 27-ми април со штабот раководел Директорот на БЈБ, ја имал позицијата раководител на групата за давање задачи и координација и ја имал и златната команда, односно бил златни командир. Појасни дека

златната команда е една и единствена и само едно лице може да биде златен командир, тоа е регулирано со Упатството како подзаконски правен акт во МВР и таму децидно е предвидено дека златната команда е секогаш една и златната команда секогаш ја претставува највисокиот по фунција раководител на организициските единици кои се вклучени во водење на полициски работи и тој се нарекува златен командир, а тоа е членот 4 од Упатството. Притоа, наведе дека во Упатството не е предвидено да постојат и да има заменици на златниот командир бидејќи таксативно е определено, златната команда е една и единствена и златната команда во раце ја имал директорот на БЈБ, односно раководителот на групата за давање задачи и координација при БЈБ. Појасни дека во одлуката за формирање на Оперативниот штаб, односно за промената на Оперативниот штаб по дадени насоки од страна на групата за давање задачи и координација, биле предвидени и двајца заменици на златниот командир, спротивно со одредбите на Упатството, дали тоа било намерно или ненамерно тоа не може да го каже, но во критичниот ден на 27 април бил советуван од неговите советници и соработници, да внимава дека златната команда е една и единствена и нема никакви пренесувања на овластувањето за командување од златниот командир прво, и второ сите промени во однос на Оперативниот штаб, односно во однос на златниот командир и другите командувања, треба да произлегуваат од насоките на директорот, односно раководителот на групата за давање задачи и координација. Појасни дека од дежурниот во Оперативниот штаб барал да издаде наредба за евакуација на пратениците од Собранието, а не и од златната команда бидејќи во просториите на Оперативниот штаб го затекнал дежурниот, а златниот командир, односно раководителот на штабот, односно директорот на БЈБ не бил присутен и не се јавувал на неговите телефонски повици. Наведе дека според негова проценка, токму за покоординирано, посинхронизирано превземање мерки и активности за тие цели било воспоставувањето на оперативната акција и Оперативниот штаб, координирано да постапува, но дали дежурниот имал или немал комуникација со златниот командир, тој не може  каже. Воедно истакна дека тој комуницирал со началникот на СВР С. и тоа 9 пати телефонски, тоа бил И. В.. Со него разговарал бидејќи тој бил и раководител на помошниот штаб во однос на спроведувањето на мерките и активностите предвидени од Оперативниот штаб за оперативната акција „Платформа“. Појасни дека со него комуницирал во својството на началник на Сектор за внатрешни работи С. и како раководител на помошниот штаб, но не го контактирал во својство на сребрен командир, туку во својството на Раководител на помошниот штаб. Истакна дека претходно според негова проценка биле превземени мерки, активности и  соодветни планови, но на 27 април полицијата не постапила, но не може да каже дека полицијата целосно не постапила. Наведе дека од моментот на неговото пристигнување во штабот до моментот на пристигнувањето на раководителот на Оперативниот штаб, неколку пати барал да се направат проценки и да се превземат мерки и активности за евакуација на

пратениците бидејќи добил информација дека внатре во Собранието имало тензии и биле физички нападнати неколку пратеници. Истакна дека тој барал да се направат проценки и давал и барал од дежурниот во Оперативниот штаб да издаде наредба за евакуација на пратениците, што значи барал евакуација на пратениците и тоа од моментот на неговото пристигнување, но поминало неколку време, не може да се сети, но немало евакуација на пратениците. Наведе дека на 27.04.2017 година не бил информиран од страната на службите дека ќе се случи тоа што се случило, а тој како министер требал да биде информиран од штабот, од раководителот на штабот бидејќи за таа намера била воспоставена оперативната акција, односно Оперативниот штаб. Ако сакал одговор во однос на структурални прашања внатре во БЈБ ако не греши тие единици биле дел од БЈБ со кои раководи директорот на БЈБ и тој како технички министер бил ориентиран да ги почитува сите поткултури за менаџирање за постапување и за одлучување во рамките на службите, односно организациските единици во БЈБ, но суштинско е почитувањето на принципот на хиерархија, токму затоа мисли дека требал да биде информиран од страна на директорот на БЈБ како претставник на БЈБ, па и од раквoдителот на штабот бидејќи токму за такви настани била воспоставена во рамките на Министерството оперативната акција, односно Оперативниот штаб. Појасни дека според чл.4 од Упатството, фунцкијата на златната команда е да ги развива и определува стратешките цели и определува тактичките параметри во водењето на криминалистичкото истражување или полициските работи и додаде дека според чл.7 од предметното упатство златниот командир има неколку овластувања, односно обврски. Првата е дека тој е одговорен за целокупната стратешка команда и има одговорност и обврска за отчет за операцијата. При водење на криминалистички истражувања и полициски работи тој треба да ги обезбеди потребните ресурси, води состаноци со стратешко координативно тело кога се одржуваат во случај на мултиагенциски, мултидисциплинарен одговор, одговор на некој инцидент, да ја постави, прегледа и ажурира стратегијата за поставување при што може да вклучи некој тактички параметри, да биде во позиција да одржува ефективна стратешка команда на акцијата, да одржува стратешки преглед без да се впушта во одлуките на тактичко ниво, да биде достапен на сребрениот командир за координација ако е потребно, да обезбеди стратегија за акцијата да е документирана со цел да се овозможи јасна ревизорска трага, вклучувајќи било каква промена на стратегијата е одговорен да обезбеди еластичност на командната структура и ефикасност на сребрениот командант. Наведе дека не се согласува дека директорот на БЈБ бил иницијатор за воспоставување на републичката оперативна акција, бидејќи иницијативата била произлезена од неформалните состаноци кај него каде бил Директорот и Заменик директорот на БЈБ и Директорот и Заменик директорот на УБК и имале усогласен став. Истакна дека таа тактичка одлука е донесена во рамките на БЈБ и потпишана од Директорот на БЈБ. Наведе дека предлогот за

воспоставување на републичката оперативна акција супстанцијално произлегол од неформалниот состанок каде биле присутни двајцата директори и двајцата заменици и тој како Министер од материјален аспект, а од формален процедурален аспект предлогот произлегол од тактичката одлука бидејќи така била предвидена постапката, процедурата. Со воспоставувањето на републичка оперативна акција и документите кои што произлегле од неа биле поставени стратешките цели поради кои е отворена републичката оперативна акција. Надлежностите на оперативниот штаб биле да ги обезбеди плановите за мерките и активностите за оперативната акција „Платформа“. Наведе дека цитираното Упатство и Законот за полиција не предвидува децентрализација на овластувањата и на одговорностите бидејќи имало само еден помошен Оперативен штаб и имале Оперативен штаб токму за да се превземат координирано, ефективно и ефикасно сите неоопходни мерки и активности во случаите каде има нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем. Истакна дека бил во тек со организациската поставеност и функционалната поставеност на полицијата за следење на протестите бидејќи ги следеле и тие постапки и процедури дека е воспоставен Оперативниот штаб кој имал јасни, опредлени, предметни и функционални надлежности за оперативна акција „Платформа“. Наведе дека протестите на Иницијативата „За заедничка М.“ истовремено се одвивале на подрачјето на осумте регионални сектори и во 22 града. Согласно стратешките цели имало Оперативен штаб на ниво на МВР и помошен Оперативен штаб во С.. Појасни дека како Министер за внатрешни работи ги знаел неговите овластувања, знаел дека Минситерот за внатрешни работи само дава насоки по однос на состојбата што ја имале, на криминалистички истражувања и други видови полициски работи, предметните надлежности биле на БЈБ и токму затоа имало и Оперативен штаб, оперативна акција, планови за ангажирање на сите сили, единици и служби, во моментот кога тој не можел да стапи во комуникација со раководителот на Оперативниот штаб. Се обидел да стапи во комуникација и со другите налчалници, односно одговорни според плановите за кои имало пристап во Оперативниот штаб, во тие моменти кога полицијата не постапувала, нормално тој барал поддршка, односно барал да постапуваат и Началникот на Одделот за полициски специјални операции и сите други со кои успеал и телефонски и непосредно да комуницира. Напомене дека тој не бил информиран од страна на службите, односно од штабот дека ќе се случи насилното влегување во Собранието, ниту изборот на Претседател на Собранието и за непостапување на полицијата. Во Оперативниот штаб имало и претставници од УБК, тој не бил информиран и од Оперативниот штаб и од било кои други единици, а секогаш требало да се има во предвид дека имало Оперативен штаб, а Оперативниот штаб при МВР бил формиран заради координирано, синхронизирано, брзо и ефикасно постапување на сите служби во МВР. Наведе дека на колегиумот што го свикал дал заклучок Управата за безбедност и контраразузнавање да го информира

штабот за ситуацијата, односно за состојбата, имало информации од Директорот на УБК за можни критични датуми, но тој не бил информиран за 27-ми април, односно дека нема ниту формални, ниту неформални информации и податоци дека припадници на тајната полиција, односно УБК пред ескалација на настаните на 27-ми април околу 17:00 часот биле распоредени околу Собранието, Жена парк, ГТЦ , односно повеќе припадници на повеќе Оддели од УБК, односно од Одделот за оперативна техника, единица за следење, набљудување и документирање, односно СНД, од првата Управа и повеќе рангирани службеници од управата. Наведе дека на 27.04.2017 година недостасувало постапување на полицијата. Појасни дека комуницирал со Т. С., бидејќи тој бил одговорен за личното обезбедување, обезбедувањето на објектите од витален аспект, ако не греши. Наведе дека кога кажал да се изврши процена за евакуација на сите од Собрание чии животи биле загрозени, мислел на проценка и да се превземат мерките и активностите според Анекс планот за реализација на вонредни мерки за внатрешно и надворешно обезбедување на Собранието и евакуација и спасување со сите сегменти и аспекти кои се предвидени во конкретниот план, за што штабот имал пристап. Според неговиот впечаток, од страна на Оперативниот штаб не бил спроведен Анекс план за реализација на вонредни мерки за внатрешно и надворешно обезбедување на Собрание и евакуација и спасување каде во тој план децицидно било предвидено дека Планот за евакуација ќе се спроведе по претходно добиена наредба од страна на Оперативниот штаб во МВР и од моментот кога била пренесена информацијата дека нападнати се пратениците, немало спроведување на планот. Сведокот во својот исказ појасни и дека повеќе од една година пред да стане Министер за внатрешни работи бил Заменик министер за внатрешни работи. Според него полициската акција била со многу недостатоци, односно полицијата не постапувала, немало брза и ефикасна интервенција од страна на полицијата, недостасуваат остварувањата, односно реализацијата на плановите, остварување на прописите, мерките и активностите кои што биле предвидени во плановите на Оперативниот штаб. Истакна дека се поклопувале предметните и функционалните надлежности на Директорот на БЈБ кој во исто време бил и раководител на Оперативниот штаб, а и златен командир, како и раководител на групата за давање задачи и координација, па токму затоа, тој како Министер свикал не само неформални состаноци, туку и формални состаноци, односно колегиуми, освен телеграмата, на располагање се и заклучоците со конкретни задачи кои биле произлезени од колегиумот на 4-ти и на 10-ти март и ги проследил сите планови кои штабот ги имал на располагање, односно сите мерки и активности кои биле предвидени и во случајот на целокупните ангажмани на специјалните сили и ангажманите на сите служби при МВР. Секоја организациска единица, секоја служба бидејќи Министерството претставува хетерогена структура, секоја структура има својата подкултура за менаџирање, за постапување и за одлучување и

сите полициски работи биле во рацете на раководителот на штабот токму затоа бил формиран штабот, токму затоа било предвидено и воспоставување на оперативната акција. Неговата проценка во исто време била дека раководителот на штабот бил и прв човек, прв полицаец во Бирото (БЈБ) на МВР и сите овластувања од полициски работи биле во рацете на истиот човек кој во исто време имал четири позиции и тоа Директор на БЈБ, раководител на оперативниот штаб, златен командир, раководител на групата за давање работни задачи и координација. Наведе дека мора да се направи дистинкција за односот помеѓу Министерот и Директорот на БЈБ од моментот на воспоставување на оперативната акција бидејќи тука е за кривичниот предмет конкретно, до 27-ми април и односот помеѓу Министерот и Директорот во критичниот ден на 27-ми април. Во првата фаза, од моментот на воспоставуање на оперативната акција до 27-ми април, односот помеѓу Директорот на БЈБ и Министерот за внатрешни работи бил релативно добар и институционален. Напомена дека имале добар институционален однос со Директорот по однос на расчистување на сторителите во упадот на Музејот на албанската азбука во Б., биле превземени сите мерки и за случајот со расчистување, односно пронаоѓање на напаѓачите на новинарот на порталот А1 ОН, од тие два моменти можел да заклучи дека односите биле коректни и институционални, но наведе дека имале спротивставени ставови и неколегијални односи во неколку наврати во однос на прераспоредување на определени вработени кои биле претходно распоредени од страна на тогашниот Министер од Пржинската влада, С. и имале спротивставени ставови во однос на дисциплинските мерки и составот на дисциплинските комисии, а на критичниот ден 27-ми април, може да каже дека за жал немал никакви односи, ни институционални, ни човечки, ни колегијални, ни ништо. Истакна дека на 27-ми април тој повторно свикал колегиум во просториите на штабот на кој не учествувал раководителот на штабот. Колегиумот бил реализиран постфестум, после акцијата, тоа било наведено и во записникот за активностите на Оперативниот штаб, бидејќи колегиумот бил одржан токму во просториите на Оперативниот штаб, се сеќава дека на тој колегиум биле и Душко Лазаров и претставниците на полициски сили, специјалните полициски сили, неговите советници и соработници, биле и другите личности кои што раководеле со разните служби и структури и на тој колегиум од негова

страна, а тоа го имало и во записникот од 27 април, побарал да се оствари комуникацијата со Јавното обвинителство, да се обезбеди наредба да се идентифтикуваат лицата кои се наоѓале во Собранието на РМ, да се прегледаат снимките, фактите и доказите со цел да се документира настанот во тие активности. Барал да се вклучи и Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и да се направи проценка дали биле почитувани наредбите издадени од страна на МВР, до Раководителот на Оперативниот штаб и во однос на доставените планови и активности во врска со можните сценарија дали било така постапено и

да се превземат мерки за обезбедување на Собранието и да се создадат услови за да можат вработените и пратениците слободно да влезат во Собранието. Исто така, побарал да се обезбедат снимените разговори за издавање наредби преку радио врска. Оперативниот штаб завршил, односно колегиумот во 00:35 минути со насоки записникот да биде изготвен од ОК веднаш и да се достави до присутните во Оперативниот штаб, односно во просториите на Оперативниот штаб.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што неговиот исказ е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите докази. Сведокот даде целосен хронолошки опис на тоа што се случувало во попладневните часови на 27.04.2017 година, при што даде целосно појаснување за тоа кој бил златен командир, кои биле неговите надлежности, како се однесувал златниот командир а тоа е обвинетиот Митко Чавков. Истиот нагласи дека златната команда е една и единствена и само едно лице може да биде златен командир, тоа е регулирано со Упатството како подзаконски правен акт во МВР, а златната команда секогаш ја претставува највисокиот по фунција раководител на организициските единици кои се вклучени во водење на полициски работи, а тоа бил Директорот на БЈБ. Овој сведок нагласи дека не е точно дека директорот на БЈБ бил иницијатор за воспоставување на републичката оперативна акција, бидејќи иницијативата била произлезена од неформалните состаноци кај него каде биле присутни Директорот и Заменик директорот на БЈБ и Директорот и Заменик директорот на УБК и имале усогласен став. Впечатлив е исказот на овој сведок во делот кога зборува за однесувањето на обвинетиот Митко Чавков према него на ден 27.04.2017 година, кој неспорно е дека во тој момент бил Министер за внатрешни работи, а ова посебно се гледа кога на поставено прашање „зошто полицијата не постапува“, одговорот бил „Што мислиш што се случува, ништо, народ се случува“ и од тој момент сведокот сфатил дека гаранциите кои претходно ги дал обвинетиот Митко Чавков, дека тој ќе постапува професионално и нема да дозволи нарушување на институциите или нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем, дека се доведени во прашање. Од исказот на овој сведок јасно се гледа дека од страна на Оперативниот штаб не бил спроведен Анекс планот за реализација на вонредни мерки за внатрешно и надворешно обезбедување на Собрание и евакуација и спасување каде во тој план децицидно било предвидено дека Планот за евакуација ќе се спроведе по претходно добиена наредба од страна на Оперативниот штаб во МВР и од моментот кога била пренесена информацијата дека нападнати се пратениците, немало спроведување на планот. Според него полициската акција била со многу недостатоци, односно полицијата не постапувала, немало брза и ефикасна интервенција од страна на полицијата.

Во својот исказ сведокот Д. К. наведе дека на 27 април 2017 година бил на работно место Началник на Одделението за обезбедување на резиденцијални објекти и други објекти од државен интерес. Дента бил

дежурен по планот за зајакнати мерки во Одделот за заштита на определни личности и објекти и тоа од 8,00 до 20,00 часот, бил ефективно на работа во тој период и правеле обиколка по планот во одредени објекти кои биле во планот да се вршат обиколки поради протестите кои што биле во тек, а обиколка направиле на објектите во пределот на резиденцијалниот дел, односно вилите на Водно, резиденција на Претседател, Кабинет и резиденција на Претседател на Влада, а потоа обиколка направиле на резиденција на Амбасада на Т., која е во пределот на Водно, во подножјето на планината Водно и потоа по планот се спуштиле во објектите што ги навел претходно. Истакна дека во објектите кои што се во Одделот за заштита на определи личности и објекти спаѓа и Секторот за заштита на обезбедување на објекти од државен интерес во кој има четири одделенија и тоа обезбедување на Собрание, обезбедување на Влада, обезбедување на министерства и Одделението каде што е началник, односно Одделение за обезбедување на резиденцијални објекти и други објекти од државен интерес. Појасни дека планот за обиколка не го изготвувал тој и тој не одлучувал каде да се оди според тој план критичниот ден, туку тој план се изготвувал на ниво на Оддел за заштита на определни личности и објекти. Истакна дека објектот зграда на Собрание која исто така бил опфатен во планот за обиколка сеуште не бил поминат, обиколката била во тек, но добил апел за помош од колегата во Собрание и се упатил кон Собрание. Појасни дека во Собранието на РМ на 27 април тој бил после 18, 00 часот и тоа како дежурен и заменик, поточно началникот на сектор бил отсутен тие два дена, го менувал началникот на Сектор за обезбедување на обејкти од државен интерс при Одделот за заштита на определени личности и објекти, а функцијата на началникот на сектор била повисока од неговата. Појасни дека откако дошол во Собранието после 18 часот, останал се до 09,30 часот на 28-ми, без малку, цели 25 часа од почнување на смената.

Судот поклони верба на исказот на сведокот бидејќи се работи за јасен, прецизен, недвосмислен и категоричен исказ кој е во склад со останатие докази. Во својот исказ тој точно посочи на кои објекти направиле обиколка, а тоа било согласно планот за обиколка кој не го правел тој, а дента не била направена обиколка на Собранието со оглед дека пред да се направи обиколка добил од колегите апел за помош, па истиот после 18:00 часот бил во Собранието.

Сведокот В. С. во својот исказ наведе дека критичниот ден на 27 април 2017 година работна задача му била С 3, кога има пленарна седница движењето на Претседателот на Собранието и претставниците од Владата кои доаѓале на пленарна седница да ги упатува кон пленарната сала. Работно место му било на главниот влез каде што имало уште еден човек, двајца биле, обично се доаѓало на работно место еден час пред почеток на пленарната седница и задачата била да се испраќа и да се отвора врата на Претседателот на Собранието и движењето таму доколку имало други гости на таа пленарна седница. Дента за главниот влез од

собраниското обезбедување бил задолжен неговиот колега А. А.. Наведе дека откако завршила пленарната седница, Претседателот Т.В. се качил нагоре према Кабинетот и нему и на неговиот колега А. им кажал да не пуштаат никого внатре. После тоа дошло до тензии внатре по што добиле насоки од Началникот А. Ј. да ја следат состојбата внатре за да не дојде до нарушување, односно до некој поголем инцидент внатре помеѓу пратениците. Исто така добиле насоки да формациското оружје што било да го пренесат горе во кабинет бидејќи не било безбедно доле, би можел некој да дојде да го земе и да го употреби против некого. Се качил колегата А. А. и имале координација со колегата што бил на работното место Кабинет, П. Г., доколку дојде до поголема гужва внатре помеѓу пратениците да го евакуираат Кабинетот, односно вработените што се во самиот кабинет. Откога се качиле горе, тој се качил и после тоа колегата А. А. го донел формациското оружје, слушнале галама доле и трескање. По скалите се стрчал надоле и ги забележал пратеникот Крсто Мукоски и пратеникот Сашо Василевски како ги вадат гредите од средната врата, една од трите врати кои се наоѓале на главниот влез. На негово укажување „што правите, знаете ли што ќе се случи доколку влезе масата внатре“ пратеникот Крсто Мукоски му одговорил „Тоа не е твоја работа“. Во ќошот каде што била една од влезните врати према пленарна седница имало и други пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и довикувале „Ууу“ и со пцовки. Откако пробал и ја вратил едната греда, другата греда пратеникот Крсто Мукоски ја фатил за едниот крај и не му дозволувал да ја врати на вратата, додека пратеникот Сашо Василевски се упатил кон отворање на следната врата, односно гледано од Собрание према „Жена парк“ од десната страна. Тој пробувал, односно ја отргнал едната греда, по што тој и колегата А. А. се повлекле нагоре, према Кабинетот. Откако застанал малку на платото кај што биле знамињата видел дека масата народ веќе ќе влезе и од претходно добиените насоки од началникот, се качиле пред Кабинетот на Претседателот на Собранието и се поставиле тука. Не поминало подолго време се качиле и демонстрантите што влегле, имало со маски и без маски, ги извадиле машните од нив за да не бидат задавени со самите машни при што му укажал на колегата А. да го извади дури и беџот од него, да го тргне беџот со цел да се заштити. Кога се качиле тие неколку луѓе веднаш прашувале „кај се“, „кого криете“, на што началникот на личното обезбедување на Т. В., Г. Ѓ. ги прашал „Кого барате тука, кабинет е ова, што барате тука“, по што дел до лицата се упатиле лево по ходникот кој води до една стаклена врата која пак води према сала 3. Се слушнал тресок на стакло, на скршено нешто и дошле поголема група на демонстранти што биле пред самата врата пред Кабинетот. Во еден момент Началникот Ј. побарал помош за пред сала 3, во кој се упатиле тој, К. В. и А.А., при самиот влез на скалите бил и А. А., виделе како од еден од маскираните го мава началникот и паѓа, притоа притрчале колеги да му помогнат, тој донел вода и се поставил на една од вратите кои биле пред влезот на сала 3, а непосредно до него и до началникот бил и А.А.. После тоа дошла поголема група на луѓе, еден го фатил за врат, почнал

да го дави „Кого криеш тука“, „каде се“, „што криете тука“, со тие зборови, пробале неколку колеги да му ги оттргнат рацете меѓутоа не можеле, одеднаш масата ја пробила вратата и влегла во сала 3, по што и човекот што го давел и тој влегол со толпата народ. После тоа се упатил кон работното место „Винар“ што гледа кон улица Д. Г., да ја види колешката Е. Ф., при самото симнување видел дека вратата е затворена, обезбедена и од левата страна се наоѓал Клубот на пратеници, тој бил малку подотворен и видел некои движења внатре, луѓе, движење на луѓе внатре, влегол и забележал како лежи повреден човек, кога прашал кој е, му одговорил дека е пратеникот З. С., Ја побарал колешката А. да му каже дали собраниските доктор е сеуште на работа да дојде да помогне. Во тој момент го видел колегата А. А. и му кажал да дојде, да влезе внатре и да го чува пратеникот З. С.. Наведе дека на работното место останал до крајот на извлекување на пратениците. Истакна дека освен него на снимките како што видел немало никој од собраниското обезбедување што се обидел заедно со него да спречи отварање на вратите. Наведе дека доколку не биле тргнати гредите од влезните врати на Собрание толпата народ немала да влезе внатре во Собрание. Појасни дека не може да се сети точно на временската дистанца кога формациското оружје било качено пред влезот на луѓето во Собрание, но едно 10-15 минути можеби и порано. Појасни дека главниот влез на Собранието на РМ се состои од три посебни врати, средната врата на 27.04.2017 година после 18 часот била заклучена и дека на истата биле поставени греди. Наведе дека не може да каже дали доколку се отстранат гредите од средната врата од Собранието истата можела да се отвори доколку била заклучена бидејќи имало притисок од надвор.Сведокот исто така појасни дека тој едната греда ја вратил пак назад, па пробал другата греда да ја врати, но бил спречен, вратата не била отворена, но имало нагон од надвор кон внатре на самата врата, значи вратата почнала да се подотвара. Појасни дека двете греди биле на земја. Нагласи дека доколку двете греди од средната врата бидат отстранети, а средната врата е заклучена возможно е да се влезе преку средната врата од Собранието затоа што од надвор може да има поголем притисок и да се влезе внатре и притоа наведе дека добро му се познати сигурносните системи на средната врата на Собранието на РМ. Појасни дека зависи од случајот дали негови работни задачи се да ги пропушта и да ги отвора предните врати заради тоа што има друг вработен за таа работа, па доколку тој колега што не е на работно место, отишол до тоалет или на некое друго место, тој го менува. Истакна дека пратениците Крсто Мукоски и Сашо Василевски не ја отварале средната врата, туку тие ги тргнале безбедносните греди кои биле на вратата. Пратеникот Крсто Мукоски го спречил да ја врати втората шипка на средната врата. Наведе дека не може да каже дали десната врата била заклучена со клуч или не бидејќи таа врата таму никогаш не ја отворил.

Судот поклони верба на исказот на сведокот бидејќи се работи за јасен, категоричен, недвосмислен исказ кој е во склад со останатите докази. Тој јасно посочи дека со него во холот кај влезните врати бил и обвинетиот

Абдуљфета Алими, а воедно појасни и околу безбедносните греди на влезните врати. Овој сведок точно посочи кога обвинетиот Абдуљфетљ Алими го качил формациското оружје, а тоа било 10 до 15 минути пред да народот влезе во Собранието, а можеби и порано. Од исказот на овој сведок јасно произлезе дека во моментот кога бил повреден А.Ј. тој донел вода, а покрај повредениот останал обвинетиот Абдуљфета Алими. Воедно од неговиот исказ точно се утврди дека повредениот З.С. бил однесен во Клубот на пратеници и токму сведокот го повикал обвинетиот Абдуљфета Алими да седи до повредениот пратеник.

Сведокот С. Т. во својот исказ наведе дека на 27 април 2017 година бил лидер на тимот кој бил на работни задачи обезбедување на во тоа време поранешниот Министер за внатрешни работи О. С.. Во попладневните часови бил пред Собранието, односно бил во нивните службени возила. Наведе дека согласно Правилникот и Законот на Собранието лицата кои што со одлука на Влада имаат обезбедување имаат право на еден личен бодигард да биде со нив цело време. Објасни дека претходно, не можел да ја определи точната временска рамка, но пред настанот било, пратеникот или поранешниот Министер О.С. се сретнал со поранешниот Претседател на Собранието Т. В.. Во еден момент Т. В. излегол од неговата канцеларија и видел дека седи надвор и го прашал во кое својство е таму, тој му кажал дека е со поранешниот Министер, пратеникот О. С. и после извесно време излегле заедно и во движење на холот тој му се обратил на О. С. „зошто само твоето обезбедување оди со тебе цело време“, на тоа О. го прашал „дали е тоа нешто противзаконито или согласно одлуката на Влада“, а тој одговорил „не“, во смисла дека не личело, тие немале никој обезбедување со нив, по што тој упаднал во нивниот збор и рекол „Не е никаков проблем, ако претставувам проблем можам да бидам пред  Собранието“ и така постапил, па од тие причини поранешниот Министер за внатрешни работи немал ниту еден бодигард со него. Наведе дека на 27 април 2017 година во периодот додека седеле во нивните службени возила на радио станица слушнале дека толпата веќе ја пробива првата барикада, односно железната ограда пред Собанието што била поставена. Во тоа време тој како лидер на тимот издал наредба на неговите колеги тактички да се поставаат, а тој се упатил спрема Собранието да влезе. На вратата на портирницата колешката ја замолил да му каже каде е началникот за да му каже дека ќе влезе внатре во Собранието за да биде со ВИП личноста. Таа му кажала дека не знае точно каде е, но му го дала мобилниот за да му се јави. Му се јавил и тој му кажал дека е пред салата „М.“, односно каде што седеле пратениците и дека внатре бил и О. С., па и тој тогаш се упатил во салата. Појасни дека кога влегол во Собранието и на вратата од пријавницата на Собранието и кажал на колешката да му пренесе на началникот на обезбедување дека ќе влезе внатре да ја обезбедува ВИП личноста, не ја известил дека со себе носи и огнено оружје, но со оглед дека тие се полициски службеници, согласно Законот за полиција тие кои што обезбедуваат ВИП личности по нивната уредба мораат постојано да носат оружје. Додека седеле со

началникот на Собранието за обезбедување разработувале тактика за евакуација, тој му дал еден колега од внатрешното обезбедување, како што им кажал некои врати биле заклучени и имало клучеви за да можат да излезат побргу. Откога излегле пратениците веднаш се упатиле кон Прес центарот, тој го следел О. С., во тоа време почнале новинарите да ги известуваат дека лицата почнуваат да влегуваат во Собранието. Тој се обратил во тоа време на С.М., кој претходно му се јавил дека е во штабот, односно во оперативната акција што била заведена во тоа време за одбрана на Собранието, му кажал дека нема информации за такво нешто што тој му потврдил дека внатре имало лица што ги известуваат новинарите. Создадена била една тензична атмосфера пред салата, после тоа се појавиле лица со качулки на главата за брзо време, влегле, галамеле дека ќе бидат ликвидрани, тој во тој момент го извадил пиштолот и кажал „Полиција“ да не пристапат спрема ВИП личноста што ја заштитува. ВИП-от влегол внатре во Прес центарот, тој останал надвор со цел да не дозволи да влезат внатре во Прес центарот. Во тоа време почнала една тензична ситуација каде што почнал да биде и тој напаѓан, имало вербални дуели, физички контакти имало, во еден момент дошол началникот Оливер Поповски и му објаснил дека стуацијата е многу тензична, толпата била едноставно насрдена према него повеќе, тој најверојатно за да го заштити го извадил неговиот беџ и му го дал и пробал вербално да стапи во контакт со напаѓачите за да ги одврати од нивната цел, но тоа не било доволно, напаѓачите биле се помногубројни, па со негова консултација одлучил да влезе во салата и да им соопшти на пратениците каква е состојбата надвор. Кога влегол на кратко им соопштил, но немало доволно време, веќе почнала да се крши вратата. Тоа време притрчал према вратата со цел пак да не дозволат да влезат внатре, но биле помногубројни и толпата влегла во салата. Откако навлегле веќе почнала таа мрачна атмосфера каде што почнале физички да се пресметуваат. Во прво време имало неколку колеги меѓу кои бил и началникот коишто активно давале отпор со цел да се заштитат пратениците, после тоа не знае каде отишле колегите, не ги видел повеќе. Биле напаѓани со шипки, со сталаци, со разни предмети кои што биле околу во самата просторија, некои носеле боксирачи со нив, тој период не знае колку точно траело се додека не дошла ЕБР, која што им овозможила да се евакуираат во просторијата на пратеникот В Ѓ.. Објасни дека причините што го најавил неговото влегување внатре во Собранието било со цел да бидат координирани со началникот на внатрешното обезбедување зашто претходно, пред неколку дена се сретнале и му кажал дека нема доволно полицајци во Собранието, дека четири-пет полицајци го обезбедуваат Собранието. Наведе дека лицето С. М. кого го споменал претходно и со кого контактирал бил од Оперативниот штаб и дека ако им треба нешто да го побараат него. Истакна дека бил повреден, имал две расекотини на главата, изместена му била вилицата и имал модрици по телото. Покрај тоа што бил физички нападнат внатре во Прес слата наведе дека имало и закани во стилот „Сите ќе бидете убиени“,

„Сите ќе бидете ликвидрани“, упатувале пцовки, вреѓање итн. во смисла „ќе ве убиеме сега“, „нема каде да одите“, дека ќе имал воена состојба, дека ќе дошла војската, дека ќе бидат ликвидрани. Појасни дека физичкиот контакт против него е настанат после вадењето на пиштолот. Внатре биле околу дестина луѓе со фантомки кои што извикувале дека ќе бидат убиени, односно ликвидирани. Наведе дека при неговото движење во Собранието за да ја обезбеди ВИП личноста лица во униформа видел надвор пред Собранието, биле Единците на ЕБР и нормално собраниското обезбедување, внатре во Собранието лица во униформа видел тогаш кога почнале да ги евакуираат. Истакна дека не е дозволено некој што нема дозвола да влезе во Собрането и не смее да влезе во Собранието, односно не е дозволено лица со фантомки непречено да се движат во објект од највисок државен интерес без никој од надредените служби, односно униформираната полиција, специјалните единици, внатрешното обезбедување да реагира на тоа, а дали тие лица имале или немале дозвола непречено да се движат во Собранието не знае, но логично е дека не смеат да се движат. Појасни дека откако бил повреден првин имал медицинска нега внатре во Собранието каде поранешниот Министер Т. донел медицинска екипа, после тоа биле медицински згрижени, а тој лично бил во Државна болница „М. Т.“. Појасни дека бил удрен од неколку лица со фантомки. Наведе дека откако бил повреден во еден момент го побарал во тоа време началникот Т. С., зборува за време кога завршиле сите дејствија од Собранието и кога излегле од касарната во Ѓ. П., началникот му кажал кој ќе дојде по него за да го носи во болница, за кратко го побарал и му кажал дека ќе дојде да го земе началникот Оливер Поповски и тој го однел во болница и после го вратил назад за да си ја земе колата, а тоа најверојатно било по хиерархија по наредба со оглед дека неговата конекција била према началникот Т. С..

Исказот на сведокот е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите докази заради што судот поклони верба на истиот. Сведокот даде хронолошки опис на настаните, при што јасно наведе дека иако во Собранието не е дозволено да влегуваат лица со фантомки на критичниот ден маскирани лица непопречени од никого слободно се движеле низ внатрешноста на Собранието. Зборува за повредите кои ги задобил, но и за заканите кои биле упатувани од насилната толпа народ, како и за предметите со кои биле нападнати. Истите биле нападнати со шипки, со сталаци, со разни предмети кои што биле околу во самата просторија, а некои носеле боксирачи со нив. Од неговиот исказ јасно произлезе дека надвор од Собранието имало униформирана полиција, а станува збор за припадници на ЕБР, додека внатре во Собранието лица во униформа видел тогаш кога почнале да ги евакуираат. Воедно истиот неколку денови пред настанот реагирал кај началникот на внатрешното обезбедување зошто само четири-пет полицајци го обезбедуваат Собранието, односно нема доволен број на полицајци во Собранието, па од сето ова може да се утврди дека полицијата воопшто не била на висина на задачата на ден

27.04.2017 година, иако постоел Оперативен штаб и планови за кои судот ќе се произнесе во делот на анализата на писмените докази.

Сведокот А.А. во својот исказ пред се појасни дека е вработен во МВР, а неговите работни обврски на 27 април, биле лично обезбедување на поранешниот министер за внатрешни работи О. С.. Истакна дека на 27 април, поранешниот Министер за внатрешни работи О. С.и по програмата требал да оди во Собрание на седница. Тој ден сведокот ги извршувал работните задачи како претходница и во 10 часот со службено возило се упатил према Собрание, односно на службениот влез на паркингот од Собранието. Некаде околу 10,30 часот, О. С. со службено возило и двајцата колеги Т. С., кој бил одговорен на тимот за личното обезбедување и Ј. Љ., пристигнале на паркингот на службениот влез на Собранието. Т. С. го допратил О.С. до влезната врата на службениот влез и се вратил кај возилата и таму останале цело време во возила, не влегувале во Собранието бидејќи сметале дека има внатрешно обезбедување, дека внатре е безбедно, а и поранешниот Министер не инсистирал да бидат секогаш со него. По завршувањето на активностите, секогаш во соработка и координација со колегите од сообраќајната полиција, организирал безбедно да го напуштат тоа критично место од причина што во тој период се одржувале и протести од граѓани „За заедничка М.“ кои вообичаено почнувале во 17 часот, пред Владата на РМ. Некаде околу 16.50 часот, излегол да направи обиколка од надворешната страна на објектот на Собрание. Движејќи се вообичаено, забележал дека за разлика од претходните денови, тој ден биле присутни мал број полициски службеници, што било невообичаено и при таа обикола кога дошол во близина на влезот „Винар“ сретнал некој колега кој бил одговорен, а тоа е З. С. од надворешното обезбедување на СВР С., претпоставува дека бил одговорен бидејќи е старешина и го прашал зошто има малку полициски лужбеници, на што С. му одговорил дека полициските службеници се пуштени да ги користат старите годишни одмори. После тоа тој продолжил да се движи и на раскрсницата од десната страна видел црн Пасат со затемнети стакла, за да види кој е, со службената легитимација сакал да се легитимира, меѓутоа два чекори пред да стигне, се отворил прозорот и тогаш видел дека во возилото бил поранешниот Директор на БЈБ Л. В., а тогаш советник во кабинетот на Министерот. Му кажал дека се организирале за безбедно да го напуштат Собранието кога Министерот ќе заврши со активностите. Појасни дека граѓаните кои протестирале „За заедничка М.“ претежно околу 17.45 часот, движејќи се од Влада према Собрание, застанувале пред канцеларијата на Претседателот Ѓ. И., која се наоѓа на Рекорд. Таму се задржувале некаде до 18,00 часот и потоа доаѓале пред Собранието на РМ. Времето веќе било околу 18.10 часот, личноста што ја обезбедувале се уште била во Собрание, масата веќе била дојдена пред Собрание, во првите редови имале и градежни машини поставено, масата била многу агресивна, почнале да викаат и во еден момент почнале да ја туркаат оградата која била пред Собранието, ја турнале и почнале да се упатуваат кон главниот

влез на Собранието. Тој тогаш веднаш сакал да ги извести С. Т. и Љ. Ј. кои останале на паркингот на службениот влез, а на половина пат му заѕвонил телефонот, му се јавил Ј. Љ. и му кажал дека имаат наредба од Т. С., кој претходно веќе влегол во Собранието, да се упатат во Прес салата бидејќи им се загрозени животите, неговиот и на ВИП личноста што ја обезбедувале. Пробале да влезат на влезот „Винар“, тој влез бил затворен, гаражата исто така била затворена, па отишле на пријавница каде веќе имало собрано околу 700-800 граѓани. Имало луѓе на влезот, влезот бил затворен, а на влезот имало поставено полицајци како што се сеќава, во униформа, се пробиле до нив, ги извадиле службените легитимации, рекле дека се полицајаци и мора да влезат внатре бидејќи колегата бара помош. Тие им одговориле дека ако им ја отворат вратата во тој случај ќе им направат проблеми и масата ќе влезе од влезот пријавница. Во тој момент слушнал дека некој од овие 500-600 граѓани извикал „држте ги овие се обезбедување на О.С.“, по што веднаш го напуштиле местото и движејќи се со телефон, завртел кај началникот на внатрешното обезбедување на Собранието, А. Ј. и го прашал од кој влез да влезат бидејќи Т. С. ги повикал внатре, а тој му одговорил да влезат од било кој влез. Не им преостанало ништо друго освен да се упатат кон главниот влез, тоа и го направиле и кога се приближиле виделе дека главниот влез е отворен, виделе дека сите граѓани влегуваат внатре и како што побарал колегата Т., влегле и тие внатре и веднаш се упатиле према Прес центарот. Бидејќи во Собранието работел повеќе години и тоа некаде околу 12 години, 10 години како шеф на обезбедување на шест Претседатели на Собрание, две години како внатрешно обезбедување, го знаел најкраткиот пат како да стигне до Прес центарот. Кога влегле внатре, видел дека О. и останатите пратеници се внатре и тоа во еден ќош, а тоа што го запрепастило е присуството на многу луѓе во салата, многу граѓани и голем дел од нив носеле фантомки на главата. Веднаш застанал пред О. штитејќи го, бидејќи масата мавала со што ќе стигнела, со столици, сталаци од камери, столчиња, клупи, со што се не мавала, била многу насилна, повеќето од пратениците биле повредени, повреден бил и О.. Во салата имало присутни и колеги за кои може да каже дека застанале да ги бранат со жив штит, а тоа е М. О., М. Ц. и началникот Оливер Поповски, началникот на Сектор за превентива, кој неколку пати им викал на граѓаните да престанат со дејствијата, меѓутоа тие на тоа се оглушувале, а имало и колеги кои стоеле поред ѕидот и само посматрале, не сакале да превземат никакви дејствија. Ова што се случувало во Прес центарот било ужас, тука од дејствијата кои ги насочувале према нив, сведокот со некоја шипка бил удрен по глава и му била расцепена главата од десната страна за што поседува и медицинска документација. Крварел, за време на нападите од страна на граѓаните према пратениците, О. С. постојано вртел на телефон, сведокот не знае каде тој се јавувал, тоа го правел и Т. С. неколку пати, а сведокот еднаш му завртел на Л. В. бидејќи видел дека тој е надвор, му завртел и му кажал дека тука ќе ги убијат, му рекол да праќа помош, меѓутоа, од галамата не можел да слушне што му

одговорил Л.. Нападите биле такви што му изгледало како да биле командувани од некој. Во еден момент забележал дека сите се повредени, О. С. имал скршен нос, расекотини на господинот З.. Негово мислење и тоа што го видел е дека целиот напад бил насочен према З. З., О. С., З. С., П. Ш. и останатите пратеници М. Д., Љ. Н., М. Д.. Појаснува дека едно време почнале да земаат гајтани, да прават јамки за да ги фатат за гуша и да ги извлечат од тој ќош каде што биле ставени, бидејќи веќе биле и колабирани, измачувањата траеле повеќе 1,5 час. Сигурен е дека напаѓачите дејствувале под команда, односно тоа е негово мислење, напомена дека во еден момент, од неговата лева страна некое лице кое не може да го препознае поради шокот што го преживеал, дало наредба „убијте ги“. Појасни дека тој секогаш на себе го носи беџот „полиција“ и тоа било каде да оди, го имал и тогаш, но во ташна. Забележал кога масата одеднаш тргнала према нив, а бидејќи не можеле со физичка сила да се спротивстават на тој набој што го имале напаѓачите, тој ја извадил легитимацијата и викнал „полиција, отстапете, отстапете“, меѓутоа се оглушиле на тоа, тогаш го извадил пиштолот и испукал еден куршум во воздух заради застрашување, барање помош, па во тој момент масата како да застанала дури и како да се вратила еден чекор назад. Појасни дека ова го направил по негово лично убедување без некој да му нареди спроведувајќи го Законот за полиција чл. 89 ст. 5. Пред да испука водел сметка да нема и рикошет на зрното бидејќи со оглед на тоа дека претходно работел во Собрание, познато му е дека при реновирање и на пленарната сала и во Прес центарот, поранешни 3 и 4 сала, плафонот горе е од гипс картон и претпоставувал дека нема ништо лошо да се случи. Кога испукал еден истрел во воздух, се сеќава дека двајца од граѓаните сакале да му го земат оружјето со физичка сила, едниот го препознал бидејќи му е колега, колега вработен во МВР, притоа појасни дека во салата имало присутно доста колеги од МВР и тогаш на тој што го препознал му рекол „како не ти е срам, колеги сме, место да ми пружиш помош, ти глej што правиш“, по ова се отргнал и пиштолот го ставил во футрола. Нагласи дека тој постапил согласно Законот за полиција, а тоа што другите колеги од МВР присутни во Прес центарот не превземале ништо, не правеле ништо, само стоеле, смета дека тоа е нивна одлука, но смета дека тие, со таквото свое однесување не постапиле како полициски службеници, затоа се тие полициски службеници и имааат овластувања, во конкретниот случај ако е загрозен сопствениот живот и животот на другите граѓани и личноста на обезбедување, а со други полициски средства не можат да се завршат полициските работи, тие не може да чекаат да им биде дадена наредба за употреба на полициски овластувања, гумена палка, физичка сила или огнено оружје. Откако масата отстапила неколку минути, подоцна тие повторно ги нападнале, особено дејствијата ги насочиле према него, почнале да го удираат со што ќе стигнат, се сеќава дека пред него застанал граѓанин кој имал фантомка на главата и поради тоа можел само очите да му ги види, тој му удрил четири бокса со што на сведокот му ја раскинал горната усна на која потоа

при лекарската интервеницијa му ставиле 6-7конци, за што поседува медицинска документација. Бидејќи навистина биле истоштени почнале да бараат вода и тогаш О. П. рекол дека тој ќе оди да им донесе вода, меѓутоа во меѓувреме кога го слушнал истрелот, пратеникот В. Ѓ. успеал да се пробие низ масата во Прес салата, застанал пред нив со жив штит да ги брани. Повеќето од луѓето ги познавал и ги викал по име. Повикал четворица од масата и тие застанале да ги бранат што било иронично, еднаш ги тепаат, еднаш ги бранат, тука биле А. Ф., Тошта и уште некои на кои не може да се сети. Масата луѓе почнала да вика по В., му довикувале и прашувале дали и тој се предал, дали го купиле, дали и тој станал комуњар. Бидејќи сведокот се познавал со В., му рекол да не ги остава, на што В. одговорил дека нема да ги остави, рекол дека до крај ќе остане со нив. Појаснува дека потоа дошле четворица алфи со О.П., не знае како се викаат, едниот од нив рекол „да ве изнесеме", но бидејќи немал верба во никој, сведокот на ова одговорил „не се тргам од овде, само кога ќе дојде специјалната единица тогаш ќе излеземе". По некое време, некаде 10 до 15 минути В. ги молел, ко Господ ги молел да не ги напаѓаат повеќе. По 15 минути се слушнала силна експлозија, внатре влегла униформирана полиција, мисли дека била ЕБР или Специјалната единица и тие ја растуриле масата во Прес центарот, направиле коридор и ги однеле во канцеларијата на В. Ѓ.. Во меѓувреме пристигнале како што тој слушнал две возила на брза помош за да им укажат помош. Кога дошле во канцеларијата на Ѓ., го виделе него со расечена уста со крварење на главата, на очите само белките му се гледале, слушнал дека викнале „овој е готов мора да се носи на Клиника". Тука му ставиле неколку инекции, на тоа одреагирал велејќи им „а бе немојте да ме отруете", не знаел дека се доктори, бил во шок. Извадиле некоја врата од шкаф за да можат да го изнесат до комбето на Брзата помош. Пробале да го изнесат на „Винар", таму имало многу народ кои мавале со бекатон плочки, не успеале да го изнесат од таму и го вратиле назад во клубот на пратеници. Тука му приклучиле инфузија и му ставиле уште две инекции колку што се сеќава, а таму ја видел Р. Ш., видел дека неа ја пресоблекуваат во облека од некоја медицинска сестра за да можат да ја изнесат и на нејзе да и пружат помош. По некое време успеале преку влезот „Гаража" да ги изнесат и да ги стават во возилото на Брза помош. Откако го ставиле во Брзата помош, слушнал силен удар во возилото, помислил дека е некоја ракета, а тоа всушност граѓаните надвор ја откорнале вратата од возилото за да ги извадат. Возачот на Брзата помош се исплашил и избегал и тогаш во возилото седнал за да го управува возачот на тогашниот Министер за здравство, Н. Т.. Потоа со возило го однеле на КАРИЛ каде што веднаш му ги санирале повредите, односно му ги сошиле устата и главата, но се сомневале дека има потрес на мозок, а навистина имал таков потрес и го сместиле на Неврохирургија каде што останал до 28-ми или 29 –ти, не се сеќава точно. Таму во болница дошол Оливер Поповски да го посети со уште еден колега, не може да се сети кој колега, му рекол „не се секирај се е океј". Не знае и неможе да каже дали луѓето со качулки добро го

познавале Собранието, но тој долги години работел во Собрание и знае дека за граѓанин кој првпат ќе влезе во Собрание, не само Прес центарот, туку било која друга канцеларија и кабинет не може да го најде. Напомена дека неговото чувство е дека јадрото на нападите доаѓало од луѓето кои носеле фантомки на главите, а овој негов впечаток е за во Прес салата каде што бил присутен, не знае што се случувало надвор од оваа сала, не знае доле кој отворал врати, бидејќи таму не бил присутен. Воедно појасни дека кога тој влегол во Прес центарот таму веќе имало луѓе со качулки, но не знае за колку време тие луѓе влегле од главниот влез до Прес центарот и не знае како влегле. Сведокот објаснувајќи како е изнесен од Собранието истакна дека тој бил ставен наврата од шкаф а притоа помогнале тројца, четворица при што како лице кое помагало го посочи и обвинетиот Мунир Пепиќ.

Судот поклони верба на исказот на сведокот кој беше многу емотивен и пропратен со солзи во текот на целото сведочење, но сепак многу јасен, конкретен, недвосмислен, категоричен и во склад со останатите докази. Сведокот даде целосен хронолошки опис на настаните, при што истиот нагласи дека при обиколка на Собранието забележал дека тој ден имало мал број полициски службеници, а причина за тоа било што полициските службеници биле пуштени да ги користат старите годишни одмори. Истиот истакна дека добил впечаток дека нападите биле такви што му изгледало како да биле командувани од некој, а таргет биле З. З., О. С., З. С., П. Ш. и останатите пратеници, М. Д., Љ. Н., М. Д.. Истиот зборува и за тоа со какви предмети биле удирани и за упатените закани. Имено насилниците ги удирале со столици, сталаци од камери, столчиња, клупи, со што се не мавала. Од неговиот исказ јасно произлезе дека во салата имало присутни доста колеги од МВР кои ништо не превземале, а со таквото свое однесување не постапиле како полициски службеници, затоа се тие полициски службеници и имааат овластувања. Од тука пролизлегува дека дел од полициски службеници биле дел од овој организиран настан и ништо не било случајно.

Сведокот А. Б. К., во својот исказ наведе дека е вработена во МВР на РМ, а на 27 април 2017 година била на работно место„Пријавница“,влезот во Собрание на РМ што се наоѓа од кај „Дом на АРМ“ и по распоред била на работа во смена од 07:00 до19:00 часот. Појасни дека тој ден имало закажано пленарна седница во 12:00 часот, седницата траела до 18:00 часот и било како и како секој обичен ден, седницата траела во нормални услови, завршила во 18:00 часот. Во 18:20 часот добила наредба од нејзиниот претпоставен старешина Ј. А. да го затвори влезот и да ги стави заштитните греди бидејќи надвор имало протест. По таа наредба постапила заедно со колегата Е. В., постапила по дадените задачи на работното место. Некаде околу 19:00 часот телефонски била известена од колега, Г. В., дека началникот Ј. А. е повреден и дека истиот бил донесен во амбулантата што се наоѓа во Собрание. Потоа почнале да бараат Брза помош за повредените пратеници кои исто така биле

донесени во амбулантата, а брзата помош ја барале како за повредените пратеници така и за нејзините повредени колеги, а сите повредени се наоѓале во амбулантата на Собранието. Појасни дека на пријавницата работните задачи ги извршувала сама, немало други колеги со неа бидејќи другите колеги биле пред Прес центарот ангажирани. Во 20:50 часот и се јавил колегата што бил во кабинет, Г. П. и и кажал дека добил усна наредба од началникот Горан Ѓошевски дека ќе дојдат двајца колеги од УБК за да влезат во мониторинг просторијата која што се наоѓа до работното место „Пријавница“. За некои пет до десет минути колегите дошле на „Пријавница“ со уште двајца, кои и ги претставиле дека се исто колеги, едниот од нив бил Г. А. кој во раката имал радиостаница Тетра кој и го претставиле како колега. Тогаш едниот од нив а тоа е Сашо Марковски кажал дека таа треба да му ја отвори мониторинг просторијата бидејќи така било договорено со Г.. На ова сведокот одговорила дека таа без наредба од нејзиниот началник не може да ја отвори мониторинг просторијата, а нејзиниот началник веќе поради задобиените повреди бил во неконтактибилна состојба и веќе се наоѓал во болница. Повторно и било кажано дека така било договорено со Г.. Во тој момент му завртела на началникот Г., меѓутоа тој не и се јавил на повикот, но за кратко време Г. ја побарал на телефон и и рекол да ја отвори мониторинг просторијата бидејќи колегите се дојдени во Собранието за да ја следат состојбата за поефикасна евакуација и дека наредбата е од Директорот на БЈБ. По овој разговор таа ја отворила мониторинг просторијата, внатре влегле двајцата колеги и тоа С. Марковски и Оливер Радулов, а другите двајца останале на пријавница. Со Сашо и Оливер влегла и таа за кратко само за да однесе пластична чаша со вода која и била побарана за да може Радулов да ја изгаси цигарата и воопшто не се задржала, се вратила на нејзиното работно место во Пријавница бидејќи во тоа време таму била сама на влез Пријавница. Морала да се врати бидејќи таму чуваат формациско оружје и лично оружје од колегите, не се задржала во мониторинг салата, но за тоа кратко време кога влегла внатре забележала дека мониторите работаат, имале видео сигнал и во пријавница и во мониторинг. Во наведената просторија Сашо Марковски и Оливер Радулов се задржале околу десетина минути по што излегле, а по нивното излегување, таа ја заклучила просторијата и потоа тие си заминале, продолжиле да се движат према внатрешноста на Собранието, се упатиле во тој правец. Појасни дека ги видела двете лица кога излегле од мониторинг салата, во рацете не носеле ништо, освен ташничките што ги носеле и кога влегле внатре. Појасни дека влезот „ Пријавница “ работи до 21:00 часот, после 21:00 часот, влезот се заклучува и се ставаат гредите и тоа доколку Собранието е празно. Појасни дека кога зборува за началник Г., мисли на началникот Горан Ѓошевски, а воедно појаснува дека во тоа време директор на БЈБ бил Митко Чавков. Таа вечер останала на работа до 02:00 часот. Напомена дека одкако биле фрлени шок бомбите, во Собранието се вклучил алармот, а бидејќи не можела да го исклучи од „Пријавница“, заедно со колега виш инспектор по име А. Н., влегле во мониторинг салата

за да го исклучат алармот, внатре се задржале 30 секунди, не било ништо, немало ништо, излегле надвор од салата и повторно ја заклучиле вратата. Појасни дека таа 7 години работи во Собранието, немала пристап до мониторинг салата освен во случаеви кога без причина ќе се вклучел алармот, а познато и е дека внатре има монитори, а не знае што друго има во таа просторија. Опиша дека оваа просторија е со високи прозорци, од кои најгорниот е постојано отворен заради вентилација на системите. Наведе дека шансите за да влезе некој од надвор во мониторинг просторијата се мали, всушност нема никакви шанси за тоа, бидејќи е тешко достапен теренот од надворешна страна да се најде мониторинг просторијата, односно треба да се помине низ гаражи, треба да се поминат „лавиринти" за да се дојде до просторијата мониторинг од надворешна страна. Воедно истакна дека во мониторинг собата во никој случај не може да се влезе од надворешната страна, не може да се влезе преку отворениот прозор од причина што е на висина од некаде 4 метри, а од друга страна не може друг со клуч да ја отвори вратата од таа просторија од причина што има само еден клуч кој е во Пријавница и тогаш клучот бил кај неа, а резеревен клуч од таа просторија нема. Истакна дека таа е дел од внатрешното обезбедување на Собранието, дека нејзин директен претпоставен е началникот Ј., за кој веќе околу 19:00 часот била информирана дека е повреден, дека е неконтактибилен и дека првично се наоѓал во амбулантата на Собрание а потоа бил однесен во болница. Појасни дека во такви услови кога нејзиниот директно претпоставен началник е повреден и неконактибилен, кога и било познато дека началникот на Сектор е на одмор, началникот на Оддел исто така бил на одмор, заменикот на Ј. исто така бил на одмор, а никој не им кажал кој ќе го менува во такви услови, па како началникот Горан Ѓошевски важел за авторитетен старешина како кај нив вработените во внатрешното одделение, така и кај вработените во Собрание и истиот бил единствениот што имал контакт со Генералниот секретар на Собрание, кога е потребна дозвола за отворање на мониторинг просторијата, па имајќи предвид дека Ѓошевски е сепак повисок по чин, односно дека е старешина, како и тоа дека десет години бил шеф на вториот човек во државата, шеф на обезбедувањето, таа сметала дека треба да постапи по неговата наредба бидејќи колегите што дошле од УБК, односно Сашо Марковски и кажал дека треба да ја следи состојбата внатре во Собранието, а заради поефикасна евакуација на пратениците и вработените во Собранието, поради ова што Сашо и го кажал, а како немало од кој друг да прими наредба во тие услови, таа мислела дека наредбата што ја добила е исправна, па затоа и постапила по истата. Напомена дека тие се легитимирале со беџови од МВР. Појасни дека кога зборува дека бил отсутен началникот на сектор, тоа значи дека бил отсутен началникот на сектор за внатрешно обезбедување, а кога зборува за отсуство на началник на оддел, тогаш станува збор за началник на Оддел за обезбедување на ВИП личности, позната како Шестта управа. Наведе дека на неа и е позната процедурата за влез во мониторинг просторијата,

напомена дека до тогаш, секогаш се барало одобрение, началникот Ј. ги известувал усно дали е одобрено или не е одобрено влегувањето во таа просторија, меѓутоа таа вечер, ситуацијата била таква да не можеле да проверуваат дали има писмено одобрение или усмено од Генералниот секретар затоа што биле минути или секунди во прашање, како што бил случајот со пратеникот З. С., кога постојано се барала можност за евакуација, можност да се отвори некоја врата за да тој се изнесе надвор. Појасни дека таа ја отворила вратата од мониторинг салата целосно мислејќи дека колегите ќе влезат внатре за таа цел за која што и кажале, смета дека наредбата што ја добила од началникот Горан Ѓошевски не била кривично дело за да таа не постапи по истата. Истакна дека нејзиниот началник, односно началникот на внатрешното обезбедување не бил контактибилен за да може да се консултира со него, а таа не видела друг началник во Собрание од внатрешното обезбедување без разлика дали бил од Министерство или од резиденцијални објекти, па единствен старешина што го познава и за кој смета дека е авторитетен и дека треба да ја изврши наредбата, бил Горан Ѓошевски. Воедно наведе дека таа не направила проценка за тоа дека се работи за вонредна ситуација, така и било посочено од Сашо Марковски дека тој треба да влезе во мониторинг просторијата за да ја прати ситуацијата за поефикасна евакуација на лицата што се наоѓаат во објектот, а началникот Горан Ѓошевски само и кажал да им ја отвори таа просторија бидејќи тоа е наредба од Директорот на БЈБ. Нагласи дека до 18:30 со неа на влез „Пријавница“ бил колегата Е.В., потоа тој се упатил да го затвори службениот влез, односно да ги стави заштитните греди, а потоа се упатил кон Прес центарот бидејќи знаеле дека таму има само пет колеги од внатрешното обезбедување и до 21:30 часот таа била сама на „Пријавница“. Воедно истакна дека во ситуација кога не може да стапи во контакт со началникот Јанковиќ, единствено надлежен кому можела и требала да се јави во врска со одобрението за влез во мониторинг салата , е началникот на оддел за обезбедување на лица и објекти кој е непосредно надреден на А. Ј. , а тоа е лицето Т.С., меѓутоа на него не можела да му се јави бидејќи таа како Виш оперативен работник во Собранието од внатрешното обезбедување, немала контакт телефон од него, а знаела дека тој е на годишен одмор, па смета дека во вакви услови, кога на годишен одмор е и началникот на сектор О., за чие презиме не може да се сети, тоа е единствената причина зошто не го контактирала, како началник на оддел кога веќе видел каква е ситуацијата во Собрание, тој би требало да се појави во Собранието и да превземе команда на сите виши оперативни инспектори и на сите началници што биле затекнати вечерта во Собранието. Во тој момент, во тие услови, таа не можела да проверува или да бара писмено одобрение од Генералниот секретар дали е одобрено или не е одобрено од него, сепак таа постапила по наредба од повисок старешина. Напомена дека критичната вечер Чавков на неа не и се јавил, всушност не само таа вечер, сведокот никогаш не бил во било каква комуникација со Чавков. За нејзиното вакво постапување против неа била поведена дисциплинска

постапка каде што комисијата едногласно го отфрлила поднесеното барање, меѓутоа барањето било вратено од актуелниот Министер и таа била казнета три месеци по 15 посто.

Судот целосно поклони верба на исказот на сведокот од причина што нејзиниот исказ е јасен, категоричен, недвосмислен и е во склад со останатите докази. Сведокот многу јасно посочи кој всушност влегол во мониторинг собата, а тоа биле Сашо Марковски и Оливер Радулов, но истовремено појасни дека со нив бил и обвинетиот Горанче Анѓеловски. Воедно сведокот посведочи и на околноста по чија наредба таа постапила, а всушност наредбата била од Директорот на БЈБ Митко Чавков, а телефонски пренесена од обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви.

Сведокот М. М. наведе дека на 27 април 2017 година бил вработен во МВР во Шестта управа како обезбедување на ВИП личност, Претседател на Собрание. Критичниот ден бил на неговото работно место и тоа од 14:00 до 22:00 часот, па појасни дека неговото работно место било во нивните простории кои биле сместени во гаражата доле во собранието. Истакна дека откако дошол на смена негде околу 15:30-15:45, дошол Началникот Ѓошевски и им кажал да седат таму и да ја следат ситуацијата, седницата, бидејќи неговата мајка била тешко болна им рекол дека тој ќе оди еден период дома и притоа им кажал што и да има потреба да бидат во контакт со него. Во просторијата останале сведокот и уште двајца негови колеги С. И. и Д. Т.. Негде околу 17:45 му се јавил Ѓошевски и му рекол да појде горе во холот во Собранието бидејќи седницата требала да заврши во 18:00 часот, за секој случај да биде горе за да го испратат тогаш Претседавачот што ја водел седницата, да не има случајно некои проблеми. По овој разговор сведокот се упатил горе и во 17:45 веќе бил во холот во Собранието, таму биле и колеги од внатрешно обезбедување и началникот за внатрешно обезбедување. Со сведокот во истиот момент тргнал и полицаец, тоа бил колегата што бил на гаражно обезбедување, ја затворил гаражата и заедно се упатиле од гаражата према холот и додека бил таму се уште траела седницата, Претседавачот бил внатре. Некаде околу 18:10 или 18:05, Претседавачот излегол и се упатил спрема својот кабинет и тогаш му рекол на сведокот да се врати во неговата просторија, а доколку тој има некоја потреба од нив, ќе стапел во конктакт со началникот, со Ѓошевски. По ова сведокот веднаш го контактирал претпоставениот старешина Ѓошевски, го известил дека Претседавачот се качил горе во својот кабинет и дека сведокот се враќа во нивните простории во гаражата доле. На симнување се сретнале со началникот Ѓошевски, му кажал дека „човекот“ се качил горе, а му кажал и тоа дека ситуацијата е напната во салата. Тогаш заедно со Ѓошевски се упатиле во неговата канцеларија, се качиле по задните скали, а тоа се пожарни скали, помошни, тогаш му рекол дека тој како началник треба да им се јави на повисоките старешини и да побара помош. Сведокот седнал во канцеларијата на Ѓошевски кој пробал да го побара директорот на БЈБ, меѓутоа тој не бил достапен, после тоа сведокот не знае со кого стапил

Ѓошевски во контакт, дали со С.Т. или Оливер Поповски при што му кажале под итно да пуштат полицајци за појачување затоа што напната била ситуацијата. Не знае што му одговориле, во истиот момент му се јавил Претседавачот, го повикал да оди кај него во кабинет и таму заедно се упатиле. Кога стигнале таму во канцеларијата каде што седат секретарките, таму била Елена Божиновска, И., С. и не знае уште кој бил присутен, тогаш виделе низ прозорот према Жена парк што гледа, ја виделе тогаш масата од Владата што доаѓала, се појавиле тие два булдожери, тогаш сведокот му рекол на Ѓошевски, „ова нема да иде на арно". Ѓошевски после тоа влегол кај Претседавачот, сведокот останал горе во просториите кај секретарката, за минута две излегол началникот од кај Претседавачот, му ги дал клучевите од службениот „Пасат" и клучевите од возилото на Претседавачот, приватниот џип, за да ги препаркира, пошто доаѓал со приватен џип. Сведокот по ова се симнал доле кај двајцата колеги што останале доле во просторијата, во случај ако има потреба од извлекување на Претседавачот и доколку имало потреба од негово извлекување во тој случај службениот „Пасат" би го возел сведокот. По ова веднаш се вратил горе. За цело време бил горе пред Кабинет, после тоа уште еднаш се симнал до доле, тогаш им објаснил на колегите што треба да прават таму за „ недај боже" и пак се качил горе во холот каде останал се додека не го повикал началникот пак горе да се качи. Одкако го повикал началникот, сведокот веднаш се упатил горе, застанале на влезот пред канцелариите на секретарката и откако влегла масата, дошла една група луѓе, цивили во црно облечени, без маски кои сакале насилно да влезат во Кабинетот. Тие дале отпор, а тоа биле сведокот, началникот, Ф., Х. И. и колку што се сеќава имало уште еден колега. Отпорот го давале така што почнале да се туркаат со тие што сакале насилно да влезат во Кабинетот, па така сведокот добил еден удар, сакал да возврати, но тогаш слушнал како некој позади од масата викнал „немојте со овие, ова е обезбедувањето на В., што барате тука", така да по ова групата се растурила, дел отишле во лево, некои во десно, почнале да трчаат по ходниците, слушнале како ја кршат стаклената врата доле. Веднаш по ова сведокот заедно со началникот отишле да видат што се случува, виделе дека целата врата е искршена и останале во холот пред просториите на Кабинетот кај секретарките. Појаснува дека после ова влегувале обични граѓани, си поминувале, си шетале се додека не дошле колегите од ЕБР или специјална, не знае точно и се додека не почнале да ги извлекуваат. Тука настанала гужва, имало колеги повредени, им укажувале помош, им давале вода, на истиот спрат имало медицинска екипа од пет доктори од Брза помош биле, што можеле помагале, спасувале, тој и помогнал на некоја новинарка од МИА, сведокот неа ја извлекол, ја спасил, а потоа му помогнал и на вработен келнер кој бил горе на спратот кај Претседавачот и него го извлекол. После еден период паднала наредба да се затворат тие железни ковани врати. Дошле полицајци, ги врзале со лисици, ги затвориле вратите и поставиле кордон напред на самата врата, полицајците застанале таму.

Тогаш сведокот ги повикал двајцата колеги кои останале доле во гаражата а тоа се С. И. и Д. Т., да дојдат горе да помогнат, бидејќи имале потреба од помош затоа што почнала да се собира маса на луѓе пред Кабинетот. Наведе дека кога видел дека ситуацијата е многу напната, дал предлог таа врата да ја затворат, да ја блокираат со бироата од секретарките, тогаш заедно со И. ги тргнале компјутерите, всушност му помагал на И. да ги затворат вратите, а имало потреба од вакво зтварање бидејќи внатре биле само сведокот, началникот и уште еден полицаец, а во секој случај тие тројца не можеле да ја држат вратата. Откако ја затвориле таа врата, почнала масата да се турка, дошла и друга група на луѓе, а тоа било околу 20:30, 21:00 часот. Оваа маса на луѓе пробале да ја скршат железната врата, кованата, а откако не успеале во намерата, тогаш полицајците фрлиле солзавец, шок бомби и откако виделе дека не можат да ја пробијат вратата, тоа е врата што тие ја блокирале, масата се упатила кон втората врата што се наоѓа во средина на ходникот од другата страна, па додека сведокот и останатите тргнале во тој правец према таа врата, додека тие се префрлале, колегите што биле надвор не успеале да ја задржат масата, масата луѓе ја искршила таа дупла врата, ги искршиле двете врати, влегле внатре, почнале да кршат, да ги фрлаат столиците, знамињата, имало луѓе што влегле со кациги на глава, со маски, еден период и началникот го удриле, по ударот тој паднал во бесознание, додека сведокот и С. И. стоеле на самата врата кај што е сместен Кабинетот. Во Кабинетот, се туркале со масата, масата ги удирала се додека не се појавил Т. да им каже дека тој е тука, дека нема што да бараат, нема потреба да кршат. Појасни дека кога излегол Претседателот, масата се смирила, тука дошле и колеги од ЕБР, ја растуриле масата, го однеле началникот, дошла екипата од Брза помош и му укажала помош на началникот а потоа го однеле во просторијата на Претседателот, поточно во неговата канцеларија. Во канцеларијата биле присутни вработените Е., С., И.. Наведе дека откако виделе дека таму е Претседателот, групата се растурила, само влегло некое лице кое го викаат Г, малце се заканувал, бил дрзок, истиот бил под дејство на алкохол, сведокот мисли дека ова лице му се заканувало на Мукоски. Некаде околу 23:30, откако колегите го расчистиле Собранието, значи откако пратениците биле извлечени, тие го извлекле и Претседателот на Собрание, го однеле дома, а потоа и тие си заминале со нивните возила. Појаснува дека тој за цело време соработувал со колегите, со полицијата, помагал, им кажувал на колегите доколку имал некаква информација, кога го прашувале за тоа каде се пратениците тој им кажувал, кога го прашале каде е Р. Ш., им рекол да се јават кај докторот во Собрание, но се јавил и тој и така бил информиран дека таа е спасена и е изнесена надвор од Собрание. Наведе дека на 27.04. работел како обезбедување во Собранието, наредби добивал само од началникот Г., а истата работа ја вршел и за време на траењето на протестите „За Унитарна М.“. Наведе дека на 27-ми април од Ѓошевски добил наредба да седи во нивните простории кои се сместени доле во гражата на Собранието, таму требало да остане се додека не добие некоја

друга наредба, па така тој за цело време седел таму доле. За начинот на нивното влегување во Собрание, појасни дека секогаш кога се движат во Собрание, вратите кои што се затворени им ги отвараат колегите кои што работаат на внатрешно обезбедување во Собранието кои преку мониторинг го следат нивното движење, има камери внатре, имаат мониторинг каде што го пратат секое движење и им ги отвораат вратите со копче. Напомена и тоа дека доколку не се отвореле вратите на Собрание од внатрешната страна, во тој случај ни масата народ не ќе можела да влезе внатре, ниту пак ќе имало можност да се случи тоа што се случи.

Судот го ценеше исказот на сведокот од кој јасно произлезе дека во Собранието имало насилна маса која кршела, фрлале столици, знамиња и меѓу нив имало луѓе што влегле со кациги на глава, со маски. Истиот посочи дека обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви дошол после 18:00 часот од кого добил наредба да седи во нивните простории кои се сместени доле во гражата на Собранието, заради што тој за цело време седел доле, додека не добил друга наредба.

Сведокот А.А. во својот исказ наведе дека на 27 април 2017 година бил редовна смена од 19:00 до 07:00 часот. Кога пристигнал во станица, командирот од полициската станица Ч. им дал наредба и им кажал одма да земат опрема за јавен ред и мир, тоа значи панцир, шлем и штит. Откога добиле наредба, биле упатени кај Собранието на РМ и кога пристигнале на лице место пред Собранието, им кажал да бидат од страна на Дом на АРМ, северозападниот дел на Собранието во вториот влез. Потоа, добиле друга наредба усмена, да бидат од задниот влез во западниот дел. Откога биле поставени тие пет души кои што биле отидени таму, биле поставени не дозволувале да влегуваат граѓаните кои што биле таму. Присутните граѓани викале дека нема да дозволат пратениците кои што се внатре да излезат надвор живи, освен мртви. Во меѓувреме дошле од специјална единица од ЕБР кои што влегле внатре околу 50 души, по некое време дошле и специјалните единици Тигри и откога влегле тие, почнале да ги вадат пратениците. Тогаш добиле наредба да ги предупредат луѓето што биле надвор, заради што побарале да го напуштат местото каде што биле за да се ослободи влезот од гаражите затоа што имало потреба да се внесат повредените лица кои што биле внатре. Со оглед дека одбиле да се повлечат добиле наредба да ги отстранат, па почнале со штитовите да ги буткаат за да може да се ослободи местото. Масата народ тогаш почнала да ги напаѓа и почнале да фрлаат со предмети, тврди предмети, флаши, бекатонки по нив. Појасни дека бил повреден во левата нога на стопалото, а во десната испод коленото, бидејќи немале штитници доле. Од страна на ЕБР почнале да фрлаат шок бомби за да ја отстранат толпата, а тој со своите колеги дошле паралелно со Собранието и се поставиле во кордон за да не може да се враќа назад толпата. За задобиената повреда и за болките кои ги имал на двете нозе го известил одговорниот кој му кажал да оди во

Ургентен центар каде всушност бил однесен со дефендер, со службено возило. Во Ургентен центар му дале терапија и му било препорачано да биде на домашно лекување.

Судот во целост поклони верба на исказот на сведокот од причина што неговиот исказ е јасен, недвосмислен и категоричен, а истовремено е во склад со останатите докази. Тој даде опис на настаните кои се случуваа на ден 27.04.2017 година пред Собранието од неговото доаѓање па се додека не бил однесен во Клинички центар. Истиот во својот исказ зборува за насилната маса и за тоа како и со кои предмети биле нападнати.

Сведокот М. Г. во својот исказ наведе дека е припадник на Единицата на јавен ред и мир при СВР С., односно полицаец во Единица за јавен ред и мир и нивната единица има за задача обезбедување на јавни манифестации, спортски натпревари, протести, при што истата била ангажирана за обезбедување на протестите, собирите, јавните собири, биле ангажирани за физичко обезбедување на протестите што се одржувале кај Собранието. За време на протестите обично се поставувале кај Влада на РМ со целокупната опрема на нив и како Единица за јавен ред и мир и други служби од МВР што биле ангажирани за обезбедување, кога ќе тргнела масата народ, обично се собирале пред Влада на РМ и кога ќе тргнела со движење масата нивната задача била да ја обезбедуваат масата до нејзина крајна дестинација каде и да одела. Некогаш оделе пред масата, некогаш позади масата, странично од масата, обично оделе позади без разлика дали со возила или пешки, при што во многу случаеви претпоследна нивна дестинација како припадници на Единицата за јавен ред и мир се паркирале на раскрсницата кај „Палома Бјанка“ популарно ВГДГ, но цела единица не се паркирала таму, имало нивни екипи, односно нивни тимови позади Собрание. Како што се движела масата по главните раскрсници и по наредба од одговорниот на целокупното обезбедување на настанот и оттаму ако нешто требало во смисла на нивна интервенција по било кој основ, биле помобилни, така да можеле да направат еден круг околу Собрание или од другата страна, биле помобилни ако требало да интервенираат, после се поставувале позади Собрание, додека траеле протестите и по завршување на истите ја следеле масата до нејзиното растурање за да нема нарушување на јавниот ред. Наведе дека од почеток кога траеле протестите се движеле луѓето пешки, после извесен период не знае точно после колку време, почнало едно југо зелено да оди напред пред масата со импровизиран звучник одозгора на кров. Како што одминувале деновите, почнале камиони да се движат напред, багери, а во корпата имало луѓе внатре качени во багерите што вееле знаме, па разговарале со колегите како не им е страв да не паднат. Како одминувала масата од одредени улички им се приклучувале луѓе, бројката се зголемувала како што се движела масата со крајна дестинација пред Собрание, почнал прво еден камион, два, три, после се зголемувала бројката зависно од денот, југото било константно, нон стоп било прво на чело на масата од колоната. Наведе

дека луѓето се приклучувале од Влада, од булевар „Илинден“ се движеле претежно десно пред булевар „ВМРО“, продолжувале право по „В.Г.“, имало луѓе кои што од „Партизанска“ им се приклучувале, мисли дека се вика „Максим Горки“ кај Ш. амбасада од таа уличка, по тротоари, блокот што е кај Полициска станица „Беко“ од таму излегувале, од И. амбасада и приодните точки што се за да можат да излезат, споредни улички за да можат да излезат на главна улица на „Вељко Влаховиќ“. Во масата имало лица кои што ги познавал, стандард тие што оделе нон стоп напред, имало нивни колеги што оделе со масата, внатре во масата, странично и позади, но дали биле службено ангажирани или не не знае, имало што ги гледале нон стоп бидејќи континуирано секој ден биле тие ангажирани, добра бројка од нив скоро секој протест секој ден биле таму. Во првите редови бил Б., Д. исто го гледале, актерот, имало и нивни колеги кои што стоеле на раскрсницата кај „Палома Бјанка“ кои што се вработени во МВР, во Секторот за обезбедување на лица, Шестта управа, кои што биле дел од обезбедувањето кај поранешниот Премиер Г., а која била нивната задача таму, што работеле, тоа не знае. Исто така Нинџа го гледале таму со одредена група на лица, не знае како се викаат, но на лик му се познати. Како одминувала масата дел од нив оделе со масата странично или позади, дел останувале кај што биле претходно, како одминувале, ако не се стационирала масата пред Собрание од нивните колеги останувале и на раскрсницата што е за излез од ГТЦ пред Порта „М.“, некои позади Собрание се паркирале или пешки ако оделе кај што биле нивните возила останувале таму до крај, додека траел протестот. Наведе дека сите од масата луѓе се движеле мирно, никој не правел проблеми при движење. Сведокот појасни дека обвинетиот Александар Василевски-Нинџа го видел не само во масата, него и покрај масата на протестите, при тоа не потенцирајќи за 27-ми април ништо. Објасни дека во 99 посто од обезбедувањата од јавен карактер каде што има голема маса на народ одговорен е СВР С., меѓутоа за да тие интервенираат тоа оди хиерархиски, а во поглед на тоа кој ја издава наредбата, како ја издава, истакна дека најверојатно треба одговорниот на целокупното обезбедување да добие наредба од штабот бидејќи обично за такви ситуации се формира штаб во МВР, да искомуницира дали има потреба за интервенирање, дали нема потреба за интервенирање и после надоле следува наредбата до нив како извршители. Колку што знае, мисли дека не се формира штаб за било кој ангажман на нивната единица. Наведе дека на 27-ми тој бил на работа прва смена од 7,00 до 15,00 часот. Тоа време кога другите денови се поставувале за обезбедување на протестите било во зависност од денот или од 16,00 или од 17,00 часот. На 27-ми од дома го викнале за да дојде дента на работа, значи од 15,00 натаму како било, што било не знае, значи од 15,00 до некаде 20,00 часот само телевизија што гледал, но не бил на работа дента кога започнале протестите, така што она што го посочил во смисла на лица, реквизити, знамиња кои ги видел таму не се однесувало за тој ден, туку зборувал генерално. Појасни дека Единицата за ЈРМ на која и припаѓа е под

директна команда на СВР С.. Наведе дека генерално целата маса народ за тие 60 дена која протестирала не предизвикала нарушување на јавниот ред и мир, освен еднаш кога делеле привезочиња од Израел или не знае од каде биле, тогаш настанала гужва кој да земе од тие привезочиња, па обезбедувањето кое што го имале ангажирано интервенирало, друго немало ништо и истото претставува нарушување на јавниот ред и мир затоа што ако двајца се караат има нарушување на јавен ред и мир по чл.4 од Законот за прекршоци. Појасни дека немало формирано штаб за секој нивни ангажман, во единицата кога тие биле ангажирани и мисли дека имало формирано помошен штаб во СВР С.. Објасни дека тие не ги обезбедуваат само учесниците на протестите, ги обезбедуваат и сите згради што се од државен интерес за време на протестите и ја менуваат нивната местоположба за време на траење на протестот. Истакна дека на протестите на чело на колоната понекогаш имало и моторџии, играорци, мајки со своите деца и други групи кои ги поддржувале јавните собири, а од зеленото југо со звучник постојано била пуштана македонска музика. Сведокот појасни дека негова задача како припадник на Единицата за јавен ред и мир при поголемо нарушување на јавниот ред и мир е воспоставување на нарушениот јавен ред и мир, во зависност од добиените наредби од раководителот, одговорниот и истакна дека секогаш се постапува по наредба на командирот на вод или заменикот командир на вод. Дневните обврски како Единица за јавен ред и мир ги вршат по добиени задачи од СВР С., но не знае дали истите се даваат во писмена или усна форма.

Судот поклони верба на исказот на овој сведок кој зборува за тоа како вообичаено се движеле луѓето кои протестирале, по кој пат оделе и што носеле со себе. Воедно истиот нагласи дека Единицата на јавен ред и мир при СВР С. не ги обезбедувала само учесниците на протестите, ги обезбедуваала и сите згради што се од државен интерес за време на протестите. Неговиот исказ е јасен, категоричен и недвосмислен, а воедно е во склад со останатите докази.

Сведокот К. Б. во својот исказ наведе дека кога започнале протестите „За заедничка М." бил на работно место Помошник началник за општа безбедност, па со оглед на неговото работно место бил член на помошниот оперативен штаб воспоставен во СВР С. заедно со началникот на СВР С., помошникот на директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, помошникот началник за криминалистичка полиција и помошник началник мисли дека е за логистика. Како член на помошниот оперативен штаб и целокупниот Оперативен штаб имале задача да изведуваат планови согласно безбедносната проценка и сознанијата што ги имале во врска со сите настани поврзани на подрачје на СВР С. вклучително и овие протести организирани од „За Заедничка М.". Била воспоставена оперативна акција „Платформа", врз основа на задачите дадени на наредбите од Министерот и насоките од оперативната обработка што била воспоставена, зависеле и нивните активности на

подрачјето на СВР С., секојдневно се изготвувале оперативни планови за постапување на силите на СВР С. и други сили согласно насоките и потребите. Плановите во СВР С. согласно дневните ангажирања и одредување кој ќе биде одговорен старешина за одреден датум, истиот бил одговорен за протестот кој што бил во најава и го изготвувал оперативниот план предвиден со стандарна оперативана процедура во МВР согласно потребите и сознанијата што ги имаат, одговорниот ги планирал силите кои што ќе бидат предвидени за активноста за оној ден за кој што бил предвиден настанот. Изготвениот план одел на одобрување кај старешините по хиерархија во СВР С. и понатаму се доставувал до Оперативниот штаб на МВР кој што бил воспоставен со оперативната акција под назив „Платформа“. Протестите отпочнале на 26-27.02., согласно оние сознанија што ги имале изготвувавале соодветни дневни планови со кои што ги покривале потребите согласно настанот што требал да се обезбедува. После настанот што се случил со нападот на новинарите, мисли дека бил на 27-ми или 28-ми не се сеќава, ги согледале потребите за поголемо ангажирање на полициски сили во СВР С. поради можноста да протестите ескалираат и да дојде до нарушување на јавниот ред и мир од поголем обем. Во тој момент СВР С. со тие сили што располагал сметале дека не се доволни за справување со нарушен јавен ред и мир од поголем обем, па од таа причина се одржале повеќе состаноци на кои што од страна на раководството од СВР С. на структури од МВР било укажано на недоволниот капацитет на СВР С. да се справи со нарушен јавен ред и мир од поголем обем, согледувајќи го капацитетот во материјално технички и човечки потенцијали. На 01.03. бил одржан состанок во СВР С. од негова страна на кој што биле повикани повеќе структури од МВР кои што биле директно инволвирани во настаните кои што би можеле да се случат мислејќи на нарушување на јавниот ред и мир. На состанокот биле присутни стуктури од специјалните единици, едниците на ОСПО, ПЕП, внатрешното обезбедување и тие како СВР С. . На тој состанок им било укажано на капацитетите на СВР С. и дека доколку би дошло до нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем со нивните капацитети не би можеле да одговорат на потребите во тие моменти. Им укажале да во наредниот период нивните активности се насочат кон нивно планирање и припрема за евентуално можни сценарија кои што би можеле да се случат за време на настаните, земајќи го во предвид нападот на новинарите им укажале на повеќе сценарија од типот на ненасилен протест со еднолична структура, делумно насилен со ставање на малолетни лица во првите редови, делумно насилен со употреба на предмети и насилен со употреба на оружје и настани, нарушување на ЈРМ во кој што биле вклучени и друга маса на демонстранти со поинаква цел од онаа што биле тие, за што биле дојдени. Од тој состанок направиле записник. На 02.03 СВР С. имало состанок со Министерот тогашен Н., на кој што исто така му биле предочени капацитетите на СВР С., на кој состанок добиле насоки од Министерот и со оние мали капацитети што ги имале ги обезбедувале местата на СВР С. на територија на град С., имало

нарушување на јавен ред и мир со физички напади на етничка основа, како и витални објекти каде што би можело да дојде до такви нарушувања. Истиот ден во 15,00 часот била воспоставена оперативна акција „Платформа“, со која бил воспоставен штаб и отпочнале постапки на СВР С. за припрема на соодветни планови согласно оперативната акција. Потребата на СВР С. за дополнителни сили на 04.03. ја поткрепиле со соодветни барања за дополнителни сили кои што ним им биле потребни за одржување на поголем јавен ред и мир на подрачје на СВР С.. По добиените насоки од оперативната акција, после доставувањето на нивното барање за дополнителни сили, се одржал уште еден дополнителен состанок на 06.03 во состав: претставници од Одделот од специјални намени, значи специјалната единица ЕСЗ, од Единицата за брзо распоредување, Посебните единици на полицијата, ОЗОЛО внатрешното обезбедување и СВР С.. На тој состанок биле договорени и утврдени задачите на соодветните едници што биле на состанокот кои што требало да ги превземат за време на протестите со разработување на посебни планови при нарушен јавен ред и мир од поголем обем, како и договорени фази на делување на силите на посебните, различните организициони единици во одредени фази за време на обезбедување на митингот. На тој состанок ги договориле и фазите на премин на команда во кој момент СВР С. нема да биде во можност да одговори на задачите што и се поставени поради нејзиниот мал капацитет, за да другите соодветни единици превземат соодветни мерки. Сооодветно насоките од состанокот кој што се одржал на 06-ти, кај Министерот на 02-ри и оној состанок што бил на 01.03. и согласно насоките од оперативната акција „Платформа“, на 06.03. бил изготвен соодветен план за постапување на СВР С. во врска со престојните митинзи на Коалицијата „За заедничка М.“. Од тој момент секојдневно одредениот одговорен старешина за обезбедувањето на митинзите изготвувал соодветен план со мерки и активности по кој што се постапувало денот за кој што е предвиден. Во почетокот некаде до 15.03. барањата на СВР С. биле зголемено присуство на единиците на ОСПО како поддршка на СВР С., согласно тоа како се одвивале протестите дека биле ненасилни, мирни и од оперативните сознанија што ги имале во тие моменти и по насоките на повисоките структури бројката за потребите на СВР С. се намалила во согласност со можностите на дополнителните сили да одговорат на дневата потреба на СВР С.. Наведе дека од почетокот на протестите до денот на настаните СВР С. ги ангажирало максималните сили што ги имало на располагање. На почетокот тоа биле некаде околу 5 полициски вода, односно некаде околу 150 полициски службеници за целокупното обезбедување како сили од СВР С. и некаде околу 5 вода дополнителните сили од ОСПО. Намалувањето на силите во претходниот контекст му било намалување на силите од ОСПО, но и поради укинување на забраната за користење годишни одмори од страна на МВР по што исто така им се осипала една бројка од полициски службеници која што не можеле да ја ангажираат, така да од 15.03. до 27-ми таа бројка се движела некаде околу просечно

три вода од СВР С. максимум и три вода од ОСПО. Сето тоа било во согласност со сознанијата што ги имале и однесувањето на масата демонстранти во текот на претходните денови, таа бројка во зависност од сознанијата во одредени денови се зголемувала повторно на првичната бројка и тоа било во одредени денови каде што имале сознанија дека нешто можело да се случи во насока на нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем или во контекст на одреден настан што се случува на територија на град С. или активности. На 01.03. на состанокот во СВР С. бил присутен тој, од ОСПО бил Помошник началникот М., Заменик командантот на ЕСЗ, Б. К. на ПЕП, Г. Началник на внатрешно обезбедување, Г. со прекар А., Началникот на единицата на СВР С. С. Д., Помошник началникот на единицата за полициски станици во СВР С. П. Г.. На 02.03. кај Министерот биле присутни тој, Началникот на СВР С. И. В., Помошник началникот за криминалистичка полиција на СВР С. А. З., Помошникот началник за логистика Џ. А., Министерот Н., советникот на министерот Л. В., шефот на кабинет на министерот Н., но не може да се сети на името. На 06.03. од СВР С. бил присутен тој, Началникот на полициските станици, на Одделение на полициски станици И. М., О. Началник на внатрешно обезбедување, Г. мисли дека е Помошник началник за внатрешно обезбедување, А. С.и, Помошник началник на ОСПО, Заменик командант на ЕСЗ, Заменик командат на ЕБР З.. На 27-ми Април 2017 година кога започнале протестите, односно протестот се наоѓал во штабот на СВР С. заедно со членот од штабот С., Помошник директор на УБК за СВР С.. Протестот започнал во вообичаеното време некаде околу 17,00 часот, задолжен за обезбедување на настанот бил С. З. од Единицата за јавен ред и мир. Настанот започнал вообичаено со собирање на масата пред Владата на РМ, при што во вообичаеното време истата отпочнала да се движи кон Собранието на РМ каде што пристигнала некаде околу 17,45, некаде околу 18,00 часот одговорниот на обезбедувањето С. З. телефонски го известил дека при пристигнување на масата пред Собрание со бројка некаде околу 3000, отпочнала тензична атмосфера од причина што имал сознанија дека одредени активности се случуваат во внатрешноста на Собрание по официјално завршување на седницата. Истиот го известил дека одреден број на пратеници се внатре во Собранието иако според сознанијата не треба да бидат таму бидејќи седницата била завршена. Тој му укажал на С. на зголемена будност на силите што ги имаат на располагање и да известува соодветно и навремено за промените што ќе настанат за време на протестот. Кратко после тоа истиот го известил дека дел од масата делува на заштитната ограда поставена пред Собранитето на РМ, по што тој наредил на силите на ОСПО кои што ги имале на располагање веднаш да ги извади и да ги постави на позиција која што би гарантирала безбедност на објектот што го заштитувале од причина што истите сили седат во задниот дел на Собранието во приправност. Веднаш после тоа остварил контакт со Помошникот началник од ОСПО Митко Пешов, од причина што имале недоволно сили пред Собрание да реагираат соодветно на било какво

нарушување на ЈРМ од поголем обем заради тоа што дента на 27.04. имале помалку сили на располагање од причина што истиот ден била предвидена активност за обезбедување на трасата за „Диво насеље“ од која причина од страна на ОСПО им биле дадени на располагање само два вода и од причина што во времето на протестот во исто време на подрачје на град С. се одржувал меѓународен ракометен натпревар во „Јане Сандански“ и фудбалски натпревар од висок ризик во населбата Ѓ. П.. Дента активноста за „Диво насеље“ не се одржала, била одложена, па откако го оставарил контактот со Митко Пешов да се запознае со колку сили и дали располага со одреден број дополнителни сили во приправност, кои што би можеле да им ги дадат на располагање доколку би ескалирала состојбата пред Собрание, истиот го запознал дека нема сили во приправност и дека сите сили што ги има и поседува во моментот биле на располагање на СВР С., а тоа биле два вода. Веднаш потоа контактирал со С. З., кој што му кажал дека ОСПО нема дополнителни сили, да се справува со ситуацијата и да известува навремено за било какви промени. Некаде после 18,20 од негова страна кажал дека масата станува поагресивна, кратко после тоа по радиостаница известил дека е пробиена заштитната ограда и дека масата на граѓани вршат притисок на влезните врати на Собранието од предниот дел и страничните врати кои што се наоѓаат лево и десно од Собранието, како и позади на вратата на гаражи. За настанатата ситуација остварил контакт со членот на оперативниот штаб Лазаров Душко и го известил за ситуацијата што се случува пред Собранието, дека е пробиена заштитната ограда, пробиен е првиот кордон и дека масата е на вратите на Собранието со обид да се влезе во Собранието. Во претходниот разговор со С. сведокот му укажал и наредил силите на ОСПО да ги постави на вратите на Собранието и да контактира со одговорниот од внатрешното обезбедување за да се обезбедат вратите од внатрешна страна. Откако го известил членот на оперативниот штаб Лазаров Душко за ситуацијата, од истиот добил насоки да се постават пред вратите и да не дозволат влез на масата во внатрешноста на Собранието. Сведокот наведе дека од негова страна преку центарот за известување и командување била издадена наредба сите расположливи сили што се во полициските станици на подрачјето на СВР С., полициските службеници што се на работа во моментот да се упатат кон Собрание, а тоа биле групите за интервенции, водичите на безбедносни сектори, раководниот кадар, командир, заменик, помошник кој што бил на располагање, веднаш да се упатат кон Собранието и да се стават на располагање на одговорниот за обезбедување С.З.. Во меѓувреме контактирал со началникот на единицата на ЈРМ Лазаров и му предочил ако има можност доколку постои и една мала можност да прераспореди од силите што ги имале на фудбалскиот натпревар и на ракометниот натпревар да се префлат према Собранието и да му се стават на располагање на одговорниот. Ова го издал пред пробивање на заштитаната ограда, кога масата на луѓе делувала на оградата. Од истиот му било одговорено дека во тој момент не можело, но во најскоро време

во првата можност ќе прераспореди дел од силите према Собранието. Некаде околу 19,00 часот, пред 19,00 часот, поточно во 18,50 часот, побарал од Центарот за известување и командување информација каде и колку имаат расположливи сили од едницата „Алфа“, кога и му било одговорено дека истите во тој момент вршат смена и дека биле сите нивни сили во просториите на „Алфа“ единицата. Некаде 18,45 мисли дека било, добил известување по радио врска дека дел од масата влегле во внатрешноста на Собранието, за истото го известил членот на оперативниот штаб Лазаров Душко кој што им дал насоки да извршат прегрупирање на расположливите сили, влезат во Собранието, да се пробијат и да направат тампон помеѓу масата која што влегла во Собранието и одредени структури во Собранието кои што би можеле да бидат предмет на напад. Таквата наредба му ја пренел на С.З., од негова страна било тоа примено и биле отпочнати активности за наредбата што ја издал. Од страна на Лазаров Душко добиле известување дека околу Собранието имало група, се појавила група од 10 до 15 маскирани лица, да утврдат кои биле лицата и кои биле нивните намери, од негова страна била издадена директна наредба на едницата „Алфа“ веднаш со расположливите сили со оглед на тоа дека имале многу малку на располагање патнички возила да се префрлат единицата на „Алфа“, меѓутоа не можела во целост да се прегрупира единицата „Алфа“ кон Собранието на РМ, веднаш да се упатат кон Собранието и нивна задача била да ги лоцираат и утврдат кои се лицата кои што маскирани ги забележале граѓаните околу Собранието. Бидејќи во тоа време пристигнал и началникот на СВР С. во просториите на помошниот оперативен штаб, понатамошните наредби ги давал началникот, за кратко време дошле и началникот на единицата за полициски станици на СВР С., М. С. и помошникот началник за крим. Полиција, А.З., на кои што им била издадена наредба да се упатат веднаш во Собранието, да ја превземат командата од одговорниот за обезбедување С. З. и превземат понатамошни мерки за обезбедување на пратениците кои што во тие моменти биле нападнати и истите се евакуираат на безбедно место. Во тоа време веќе пристигнувале информации за нападнати и повредени пратеници, припадници на МВР и други лица, нивните активности во внатрешноста на Собранието биле да се обезбеди првенствено тампон зона помеѓу протестантите и нападнатите лица, да се обезбедат истите и да се обезбеди нивна евакуација на безбедно место. Од почетокот на протестите и за време на изготвување на плановите изработување на безбедносните проценки, согласно тоа и делувањето на полицијата за време на настаните, во ниеден случај не била разгледувана можноста дека може да дојде до случај да масата влезе во Собранието. Од структурите задолжени за обезбедување на виталните објекти вклучително и Собранието, биле убедувани дека со жива сила нема шанси да дојде до насилно пробивање на вратите во Собранието, доколку се истите соодветно обезбедени од внатрешна страна. Соодветно на тоа е и претходната негова изјава каде што ја дава наредбата на С.З. да ги извади

силите на ОСПО во состојба на готовност и да контактира со одговорниот од внатрешно обезбедување да се обезбедат вратите од внатрешна страна. Истакна дека во ниеден случај СВР С. не ја разгледувало можноста да дел од масата влезе во Собранието на РМ. Следствено на тоа што го кажува биле и фазите на постапување каде што била предвидена евакуација на пратеници и други лица кои што се наоѓаат во Собранието и би имало потреба истите да се евакуираат во одредено време и правец на одредено безбедно место. На 06.03. било сугерирано на состанокот и договорено да одговорниот од ОЗОЛО контактира со стручните служби на Собранието, истите ги извести, запознае со фазите на постапување на полицијата посебно фазата на извлекување на загрозените лица од внатрешноста на Собранието, како пратеници, новинари, стручни лица, вработени, на кои што ќе им се укаже на кој начин, во кој правец и како ќе се одвива евакуацијата нивна, а тоа согласно планот било коридор со прераспоредување на силите на СВР С. и другите кои би се затворил во правец од задниот влез на Собранието т.н. Гаражи преку паркот до катната гаража во моментот не се сеќава како се вика, кај Тинекс што бил во правец на задна капија на МВР, поранешен „Цветен пазар“. Појасни дека кога кажал дека околу 18 и 23 од Началникот на ЕЈРМ Лазаров барал обезбедување, односно да му прати дополнителни сили, станувало збор за началникот на единицата на ЈРМ на СВР С., М. Л.. Појасни дека секојдневната комуникација на СВР С. со оперативниот штаб се одвивала на следниот начин, бидејќи Оперативниот штаб и помошниот штаб се колективни тела, во кој што членуваат повеќе полициски службеници, неговата комуникација како претставник на штабот, на Оперативниот штаб на МВР, била по линија на униформа за координација, известување и доколку би дошло до одредена наредба истата би му била пренесена како наредба, наредба од Оперативнот штаб е таа и таа и во тој случај од негова страна по линија на униформа, го известил за него репрезентот на Оперативниот штаб на МВР за ситуацијата што настанала. Од негова страна му биле дадени насоки кои што веќе биле извршени од нивна страна, односно за да се поставаат силите да не се дозволи влез во Собранието и да се постави тампон помеѓу протестантите и загрозените во внатрешноста на Собранието, што било и пред тоа направено од нивна страна. Според информациите што ги поседувал тој како член на помошникот Оперативен штаб и штабот во целост, било особено тешко да се воспостави воопшто тампон зона помеѓу нападнатите и масата која што насилно влегла во Собранието, од причина што во одреден момент масата не дозволувала на екипа на Брза помош да дојде до повредените, а камо ли да дојде моментот каде што би се создале поволни услови да можат загрозените да ги евакуираат на безбедно. Првенствено што мисли дека и ќе биде потврдено и од учесниците од одговорниот на обезбедувањето С. З. дека во тие моменти било особено тешко загрозените да се стават во безпретресен периметар и зона внатре во Собранието, а да не дојдат во судир со протестантите, а воопшто не станувало збор па и за извлекување. Истото станало возможно откако

биле ангажирани посебните единици ОСПО и кога дошол моментот до нивно активно учество и употреба во Собранието и надвор од Собранието. Сведокот наведе дека според неговите сознанија од мигот кога не успеала единицата да ја воспостави тампон зоната до мигот кога се создале услови за евакуација со активно учество на ОСПО, било невозможно да се издаде наредба за евакуација без оглед кој на кого ќе издаде наредба. Наведе дека нема сознанија дали плановите за распоред за полицијата од 27 април за заштита на Собранието биле саботирани и предадени на толпата. Исто така наведе дека немал информација дека ќе имало поголемо нарушување на јавниот ред и мир од страна на групи навивачи, толпа народ, организирање на патриотски здруженија, на 27 ми април. Наведе дека може да даде информација во кое време била издадена неговата наредба кон одговорниот на Алфа единицата за да извршат одредена задача, а тоа мисли дека било 18,50 часот. Појасни дека униформираните полициски службеници имале свој одговорен чија што наредба истите ја исполнувале во целост, во текот на обезбедувањето на одредени настани митинзи, протести и друго, вклучени биле и полициски службеници во цивил кои што имале посебна задача и имале одговорен. Истакна дека немал најава ниту сознанија дали во периодот од 20,00 часот до 22,00 часот имало најава за прогласување на вонредна војна состојба. Како Оперативен штаб на СВР биле добиени одредени сознанија за одредени движења, групирање на граѓани во одредени населби со меѓуетничка албанска популација, по сознанијата за нападот на пратеникот С., од страна на Оперативниот штаб на СВР С. и информациите дека истиот може да не е жив повеќе, што се демантирало после тоа, од страна на Оперативниот штаб на СВР С. биле прераспоредени дел од силите на Алфа единица кои што ја вршат службата во цивилна облека на подрачјата за кои имале сознание дека има зголемена раздвиженост на граѓаните, тоа би било дефиницијата на сознанијата.

Исказот на сведокот е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите докази, па токму затоа судот поклони верба на истиот. Сведокот јасно посочи дека во периодот од 15.03 до 27.04.2017 година била намалена бројката на службени лица кои биле ангажирани за протестите со оглед на укинување на забраната за користење годишни одмори од страна на МВР. Од исказот на сведокот произлезе дека на 27.04.2019 година бил намален бројот на припадниците на ОСПО заради нивна ангажираност за обезбедување на трасата за „Диво насеље“ како и за обезбедување на ракометен натпревар и фудбалски натпревар, меѓутоа тука треба да се нагласи дека тој ден судењето за предметот за Диво насеље бил одложено.Пред пробивање на заштитните огради тој го информирал за настанатата состојба началникот на единицата на ЈРМ при што побарал и дополнителни сили, но добил одговор дека тоа не е можно во тој момент. Сведокот нагласи дека на ден 01.03. бил одржан состанок во СВР С. на кој присуствувале повеќе структури од МВР и уште тогаш истакнал дека доколку би дошло до нарушување на јавниот ред и

мир во поголем обем со нивните капацитети не би можеле да одговорат на потребите во тие моменти. Овој сведок истакна меѓу останатото дека во ниеден случај не била разгледувана можноста дека може да дојде до случај да масата влезе во Собранието, а сето ова зборува дека биле направени многу пропусти.

Сведокот И. В. во својот исказ наведе дека од 2017-та година кога почнале протестите бил на работно место Началник на Секторот за внатрешни работи С.. Во врска со протестите надлежноста на СВР С. била обезбедување, согласно оперативната акција која што била воспоставена на ниво на МВР, а претходно изготвените планови во врска со дадените насоки од колегиумот на 03.03 кој бил кај тогашниот Министер за внатрешни работи А. Н., биле формирани Оперативен штаб на ниво на МВР, БЈБ и помошни штабови во секој Сектор за внатрешни работи, така да во тој контекст во СВР С., бил формиран помошен оперативен штаб и бил изготвен план за постапување. Пред изготвување на планот биле направени соодветни подготовки и состаноци на тактично ниво, со организационите единици кои учествувале во обезбедувањето на протестот, а тоа биле ОСПО и Организационата единица за внатрешно обезбедување на Собранието на РМ при што раководени од соодветните безбедносни проценки кои биле базирани на бројот на учесниците на протестот, структурата во смисла на возрасните категории, дотогашните случувања поврзани со протестот, до тогаш биле од 24-ти некаде една недела протестите, релативно мирно поминувале со едно нарушување од поголем обем што биле на 24-ти или 26-ти не се сеќава, каде што биле нападните новинари, а другите денови протестите протекувале релативно мирно без нарушување, со стандарна бројка на присутни и стандарна маршута на движење од Влада на РМ до Собрание. Наредно на што се базирале плановите, односно проценките биле извршени извидување на теренот, конкретно маршутата на движење како објектите на Владата и Собранието, внатрешно и надворешно. Кога кажува внатрешно и надворешно потенцира дека биле земени во предвид како на пример оградата на Владата, како и влезните врати на Владата и Собранието во однос на начинот на нивното затворање и карактеристики. Како посебен безбедносен ризик било истакнато и на колегиум и од општите сознанија и амбиентот нормално, денот на конститутивната седница, односно изборот на Претседател  на Собрание. Имајќи ги во предвид претходно наведените параметри бил изготвен план од страна на СВР С. по кој план биле конкретно разработени неколку сценарија, во кои што биле предвидени конкретни задачи со соодветен број на полициски службеници. Во истиот план освен задачите на припадниците на СВР С. биле назначени и задачите на другите организациони единици кои што учествувале во реализацијата на планот. Имајќи ја во предвид моменталната состојба со пополнетост и број на полициски службеници во СВР С. како и тековните настани на вонредни обезбедувања во градот С., спортски утакмици, судски процеси итн. според обемот, проценка нивна била со оглед на малиот број на вработеност дека СВР С. не може да се

справи со евентуални нарушувања од поголем обем, односно протестите кога би биле масовни, во смисла помасовни од тековните што биле со таа бројка, затоа што имало најави дека и во другите градови имало можност да спонтано се соберат граѓани и се упатат во С., а тоа го кажувал како веројатност. Планот се изготвил и заради негова реализација, а со оглед на претходно кажаното, СВР С. и Оперативниот штаб, не се сеќава на датумот, мисли бил 04.03.2017 доставиле писмено барање во кое што биле наведени според две верзии соодветен број на дополнителни полициски службеници од ОСПО, односно на единицата за брзо распоредување што е во нејзин состав и посебната полициска единица. Мимо тој план, кој што содржел одредени хипотетички ситуации, верзии на можни сценарија, кога протестите ќе бидат масовни во бројка, голема бројка, кога ќе бидат протестите евентуално насилни и евентуално најголемиот безбедносен ризик насилно влегување во Собранието, каде што исто било предвидено во тој план начин на евакуација на загрозените во Собранието, евентуално, на дневна основа СВР С. изготвувале дневни планови за реализација, како анекс план, анекс на основниот план. Тие планови содржеле број на полициски службеници, подредени во соодветни безбедносни сектори со конкретни задачи на постапување, одговорни и еден одговорен полициски службеник од СВР С. на целокупното обезбедување на тој план. Исто така на дневна основа биле барани одреден број на дополнителни сили од ОСПО, така да во почетокот мисли дека биле барани поголем број на полициски службеници, но со оглед на тоа што секојдeневно по завршување на протестите немало нарушување, силите биле намалени, односно редуцирани некаде мисли дека околу 15-ти, после 15-ти март, но исто така намалувањето на силите одело по претходен договор со Оперативниот штаб, односно со шефот на Оперативниот штаб, со раководителот. Што се однесува до 27. 04. исто така бил изготвен дневен план за реализација кој се базирал на одредени проценки од претходните денови, немале дополнителни сознанија за било какви нарушувања или пак за зголемен број на граѓани од другите градови, ниту пак имале информација дека тој ден ќе биде конститутивната седница, како и редовно по план полициските сили се поставиле мисли дека во 15,30 на почетната точка пред Влада на РМ. Одговорниот старешина редовно имал обврска за сите движења и настани во врска со протестот, додека траел протестот, како и на одредено време да известува во помошниот штаб, а целокупната комуникација одела преку радио врска, односно преку ЦИК-от, односно Центарот за известување и командување, кои имале обврска да го известуваат него со порака. Така била поставена пракса секојдневно. Не се сеќава точно, било некаде околу 17.30, нешто повеќе од 17.30, на 27-ми, влегувал дома, се враќал од работа, кога на неговиот службен мобилен му се јавил Министерот тогашен А.Н. и го прашал дали ја следи преку медиум седницата, на што му кажал дека тогаш влегува дома, да го вклучи телевизорот и да види, бидејќи не бил во тек, а истовремено го прашал што се случува. Тогаш Министерот му рекол да гледа и да биде

се под контрола, тоа била отприлика комуникацијата бидејќи не може да го долови оргиналниот. Веднаш потоа се слушнал со одговорниот во помошниот штаб, К. Б. и го прашал за моменталната состојба, при што К. го известил дека до тој момент надвор, се било ок, излегла масата од пред Влада, била во движење, бројка иста како претходните денови и ја следеле состојбата според планот, службите биле поставени според планот, а истовремено пораката која што ја добил од ЦИК-от, му ја препратил на директорот и се слушнал со него и го известил за јавувањето од страна на Министерот и за известувањето негово за состојбата во Собрание. Кратко време потоа, не може да каже точно време му стигнало известување од ЦИК-от на порака дека масата од граѓани е пред Собранието и дека има еден обид, односно некој од граѓаните се фатил за заштитната ограда која била поставена. Истата порака повторно ја препратил на директорот и стапил во контакт со дежурниот, одговорниот во помошниот штаб К. Б. при што бил информиран од негова страна дека тоа е моментално еден изолиран инцидент, краток инцидент и повторно во комуникација со него му дал одредени насоки за постапување кои што нормално биле предвидени во планот, а тоа биле да предвидените сили бидат поставени на соодветните места по планот, да бидат будни, да го следат движењето на масата, одговорниот да стапи во контакт и да се координира со одговорниот со внатрешното обезбедување во Собранието, во смисла обезбедување на влезните врати, како и координација, да воспостави координација со дополнителните сили од ОСЛО, кои што исто така по планот имале свој одговорен старешина. Кратко време потоа тој излегол од дома и се упатил кон неговото работно место каде што бил и помошниот оперативен штаб. Додека се движел натаму, имал повторно јавување од страна на Министерот во смисла дали е се ок, дали е се под контрола, ќе биде ли безбедно, на што тој му одговорил дека со силите што располагаат во моментот се справуваат и ќе координираат, ќе ги информираат нагоре кон Оперативниот штаб. Во меѓувреме му стигнала порака, точно на времето не може да се сети, не било повеќе од 19,00 часот, дека масата го пробила полицискиот кордон и дека дел од масата веќе влегува во просториите на Собранието. Во тој момент повторно веднаш се слушанал со К. Б. и бил информиран од негова страна дека веќе се преземени одредени мерки во смисла на барање на дополнителни сили за справување со новонастананата ситуација. За кратко време кога стигнал во штабот бил информиран од страна на дежурниот К. Б. дека издадена е наредба, претходно е издадена наредба преку ЦИК-от до сите расположливи сили што се во моментот во СВР С. да се прегрупираат и да се упатат спрема Собранието, тоа важело и за едницата Алфа. Истовремено се пристапило кон повикување на одговорни старешини од дома и на дополнителни сили во смисла на полициски службеници кои што биле повикувани од дома. По доаѓањето на старешините во штабот, помошникот за заеднички работи и помошникот за Крим. полиција, началникот на униформирана полиција, со оглед на тоа што не располагале со информации за состојбите внатре,

освен она што можеле да го видат од медиумите и некои неофицијални информации што стигнувале, тој издал наредба на началникот М. С. и помошникот А. З. да се упатат во Собранието, да стапат во контакт со одговорниот на обезбедувањето по планот што бил предвиден, мисли дека бил З. С., а со цел да ја извидат состојбата за да направат дополнителни проценки за што стигнала информација дека има повредени. Од нив по кратко време не знае колку, добил повратна информација дека многу било тешко, речиси невозможно да се помине преку толпата која што била внатре во Собранието за да се направи простор, односно да се влезе во просторијата каде што имало повредени. Во тој момент К. Б. останал да командува преку радио врска, по планот како што било и да остварува комуникација со Оперативниот штаб за известување за состојбата и размена на информации затоа што таму се слевале сите информации, во Оперативниот штаб и од внатрешното обезбедување и од силите на ОСЛО. Наведе дека не се сеќава точно колку бил часот, затоа што припадниците на едницата Алфа по завршување на смената, односно двете смени биле затекнати, нешто имале проблем со мал број на возила, не можеле да се прегурпираат, наведе дека зборува за дополнителните сили кои што не биле предвидени со планот. Една бројка веќе пристигнала пред Собранието, а додека тие тимови на Алфа што биле дел од планот дента за реализација за обезбедување на протестот исто така биле повлечени од стојните точки, односно одредените места каде што биле по планот, со конкретна, дополнително конкретна задача да се движат во масата и да информираат за евентуални нарушители и агресивни и да превземаат соодветни мерки спрема тие лица. Во непосредна комуникација со одговорниот на едницата Алфа му издал наредба да најде начин со одреден број на полициски службеници кои што мора да каже не биле соодветно опремени за таква намена, но да најдат некој импровизиран начин да влезат во Собранието, да се пробијат низ толпата со цел да отидат во просторијата и да овозможат да им се пружи помош на повредените. Му било кажано да контактира со веќе присутните одговорни М. С. и З. С. и да се координира со нив. Во тоа време добил известување од страна на М. дека веќе колегите од дополнителните сили биле пристигнати во одреден број биле поврзани со нив и се поставувале за дејствување. Од страна на СВР С., силите на СВР С. поточно сообраќајното одделение согласно генералниот план биле превземени мерки за сообраќајно регулирање за коридорот, надворешниот коридор, така да по извесно време не може да каже колку било, повторно го известиле од Собранието, поточно М. дека веќе се воспоставува поголем ред и мир и е извршена евакуација на загрозените и повредените. Истакна дека критичниот ден во повеќе наврати, точно не може да каже колку, имал комуникација со Митко Чавков, првото јавување било кога го известил за јавувањето на Министерот, второто јавување било за известувањето на продорот на масата во Собранието и мисли дека покасно се слушале во смисла како течат подготовките околу доаѓање на дополнителните сили и добивал одговор дека се работи на

тоа. Сведокот појасни дека раководител на Оперативниот штаб бил Директорот Митко Чавков. Наведе дека со оглед на неговото искуство, во однос на времето на доаѓање на дополнителните сили од моментот на нивното барање од нивна страна или до нивното доаѓање може да одговори дека теоретски и според методологијата на постапување и работење не постои пропишано време на доаѓање, но имајќи го во предвид растојанието на единицата ќе повтори, теоретски мерено во време можело да стигнат можеби и побрзо, но ќе потенцира, не може да навлегува во причините зошто и како не бил информиран, зошто и како дошле за толку време. Наведе дека како прв полицаец на Секторот за внатрешни работи С. немал информации или сознанија дека ќе има поголемо наршување на јавниот ред и мир од страна на групи навивачи, толпа народ, мобилизирање на патриотски здруженија за ден 27-ми април. Исто така наведе и дека немал информации дека високи функционери на УБК биле распоредени во толпата народ во „ГТЦ", во „Жена парк", во околина на Собранието. Истакна дека не може да каже дали припадници на УБК беа во Собранието на 27-ми април, не бил информиран. Сведокот наведе дека не му е познато дали и какви дејствија, односно задачи имале високите функционери на УБК во „Жена парк" ноќта на 27-ми април, после 17,00 до 23,00 часот во околината на „Жена парк" и околу Собранието на РМ. Појасни дека на 27.04.2017 година бил во комуникација и координација со К. Б., но не за цело време, после 17,30. Наведе дека состанокот кој што се одржал ден после колегиумот на кој што и тој присуствувал и ги делегирал задачите кои ги добил на тој колегиум према помошникот кој сам со уште еден колега дали истиот ден или наредниот ден биле на состанок каде што се договарало, односно се правела проценка и план за генералниот план што бил изготвен на 6-ти, таму присуствувале К. Б. со уште еден колега од СВР С., а кој присуствувал друг не може да каже, не бил тој таму присутен. Дневните планови како анекс планови на основниот план биле подготвувани од страна на одговорниот старешина за кој старешина имало распоред на неделна основа и се знаело како што траеле протестите кој ќе биде надлежен за секоја недела и тој имајќи го при себе службениот материјал од претходниот ден, тоа биле извештаи од Единицата за криминалистичко-разузнавачка анализа каде што биле содржани информациите поврзани со одредени нарушувања за време на протестот од претходниот ден, информации евентуално добиени од медиуми, информации за евентуални најави од присуство на други граѓани, односно секојдневно на одговорниот кој што имал овбрска да го изготви дневниот план имал службен план изготвен од Единицата за криминалистичко-разузнавачка анализа и врз основа на тоа се изготвувал планот. Притоа, наведе дека конкретното извидување на терен го правеле припадници од СВР С. меѓу кои и К. Б. и не може да се сети кои други биле, повторно не може да каже со кои колеги од другите организациони единици кои партиципирале во планот. Појасни дека на состаноците, во планот кој содржел хипотетички сценарија за кога протестите ќе бидат масовни и евентуално најголем

безбедносен ризик насилно влегување во Собранието, било предвидено да се разгледа можноста во случај да доје до ситуација масата народ да влезе насилно во Собранието. Истакна дека не може со сигурност да каже кој го иницирал воспоставувањето на Републичката оперативна акција „Платформа", но мисли дека тоа бил Директорот Митко Чавков. Појасни дека стратешките цели на постапувањето, а особено за постапување на службите вклучени во Републичката оперативна акција ги одредувал началникот, раководителот на Опративниот штаб, во конкретниот случај Директорот Митко Чавков.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што истиот е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со изведените докази. Тој даде хронолошки опис на настаните при што зборува за неговите комуникации на 27.04.2017 година, за надлежноста на СВР С. која се состоела во обезбедување, согласно оперативната акција која што била воспоставена на ниво на МВР. Воедно истиот точно појасни кој ги одредувал стратешките цели на постапувањето, а тоа бил Директорот Митко Чавков. Од неговиот исказ јасно произлезе дека на одржани колегиуми како посебен безбедносен ризик било истакнато дека и од општите сознанија и амбиентот, тоа е денот на одржување на конститутивната седница, односно изборот на Претседател на Собрание, но и покрај ваквите сознанија јасно произлезе дека не биле навремено превземени мерки за спречување на она што се случи на 27.04.2017 година.

Во својот исказ сведокот З. С. наведе дека на 27 април постапувале по наредбата и планот за физичко обезбедување на протестот во организација на граѓаните под мотото „За подобра М." кој се одвивал дента од 17,00 часот од пред Владата на РМ до пред Собранието на РМ. Неговите обврски тој ден биле да со полициските сили предвидени согласно Планот го обезбеди најавениот протест кој што бил закажан пред Владата на РМ како изминатите денови и кој што требало да заврши пред Собранието на РМ. Согласно Планот за обезбедување биле предвидени 40 полицајци од полициските станици, еден вод од Единицата за јавен ред и мир и два вода од Одделот за специјални полициски операции, тоа биле предвидените по Планот и телеграмата за ангажирање на полициски сили. Тој ден од предвидените полициски сили не биле присутни водот од Единицата за јавен ред и мир, како и дел од силите од Одделот за специјални полициски операции бидејќи во исто време на подрачјето на СВР С. имало и други активности, еден спортски натпревар во ракомет меѓународен и еден фудбалски натпревар во рамки на Првата лига на М. во Ѓ. П., каде што дел од тие сили, односно Единицата за јавен ред и мир биле пренасочени на тие спортски настани, како и дел од водот на Одделот за специјални полициски операции кој бил пренасочен на ракометниот натпревар. Полициските сили согласно Планот пристигнале на закажаното место пред Собранието на РМ и Владата на РМ во 15.30 часот каде што од негова страна била извршена смотра на истите,

одговорните биле запознати со задачите за претстојниот ден согласно Планот за обезбедување, со напомена дека во изминатите седумдесеттина дена протестите се одржувале континуирано секојдневно, со иста рута на движење на граѓаните кои протестирале и пред истиот објект, така да на овие протести за нивно обезбедување земале учество и полицајците, фактички полицајците почесто превземале мерки за обезбедување на протестот. По добиените задачи на одговорните постапиле на нивно спроведување при што дел од полициските сили согласно Планот се упатиле кон објектот на Владата на РМ, а останатиот дел останал пред Собранието на РМ. Од негова страна било стапено во контакт со одговорниот на внатрешното обезбедување на Собранието, при што бил запознат со состојбата внатре во Собранието каде што се одржувала седницата, а бил запознат и дека состојбата во моментот меѓу пратениците е тензична и му дал насока да за секое побитно случување внатре во Собранието да ги извести со цел превземаање мерки надвор од Собрание. До 17,00 часот почнала да пристигнува група народ пред објектот на Владата на РМ, вообичаено како и изминатите денови кога се протестирало, структурата на граѓани била иста како изминатите денови кога тој бил одговорен на самите протести. Некаде околу 17,00 часот добил извесување од одговорниот на внатрешното обезбдување во Парламентот, во Собранието, дека ситуацијата е тензична, дека седницата е прекината, меѓутоа пратениците не излегуваат од законодавниот дом и дека се во салата. За тоа веднаш го известил помошникот К. Б., го запознал со ситуацијата и од негова страна му било наредено повторно да стапи во контакт со одговорниот на обезбедувањето да му даде насоки да во случај на ескалација на ситуацијата пред Собрание да ги затвори влезните врати од Собранието, да ги обезбеди со металните лостови кои што ги има на самите влезни врати и да на истите постави полициски службеници како не би дошло до нивно отворање од внатрешната страна. Повторно стапил во контакт со одговорниот на внатрешното обезбедување, му ги пренел наредбите од помошникот К. Б. и повторно му напоменал за секоја новонастаната ситуација внатре веднаш да го извести. Од помошникот Б. добил наредба полициските сили во случај на ескалација на протестот да ги постави за обезбедување на влезните врати од Собранието, а имајќи го во предвид намалениот број на полициски службеници кои што во моментот биле пред Собрание. Околу 17,30 часот бил информиран од одговорните полициски службеници од пред Владата каде што се собирала масата народ, дека бројката на граѓани е околу две до три илјади, дека составот на масата е ист како и претходните денови, односно повозрасни лица, жени, младинци и лица претежно вработени по администрацијата во градот. Околу 17,30 часот групата граѓани почнала да се движи по вообичаената рута кон Собранието на РМ и движејќи се кон Собранието постојано добивал известување дека бројката се зголемува и дека се приклучуваат и други граѓани на масата. Околу 18,00 часот масата пристигнала пред објектот на Собранието, службеници кои што се движеле со нив пристигнале и

веднаш од негова страна биле поставени позади полициските огради. Истите претходно имале добиени задачи каде да се постават за обезбедување на влезните врати како и припадниците на Одделот за специјални полициски операции кои што дел од нив се упатиле околу 17,00 часот спрема Спортскиот центар „Јане Сандански“ на обезбедување на ракометен натпревар. Кога пристигнала масата пред Собранието било видливо дека во масата има лица кои што претходно не биле присутни пред Владата, односно поголем број на помлади машки лица во првите редови, во појака физичка кондиција, имало граѓани во маици со чудна иконографија на нив и во еден момент некаде било околу 18,05 часот дел од граѓаните почнале да извикуваат према Собранието и во еден момент почнале да ја фаќаат со раце полициската ограда, да ја тресат и да се обидуваат да ја одвлечат. Од негова страна веднаш им било наредено на одговорниот на Одделот за специјални полициски операции, односно припадникот од Едицата за брзо распоредување веднаш да се постават на платото пред Собранието на самата коцка, во формација и да не дозволат приод на граѓаните кон објектот на Собранието на РМ. По радио врска веднаш побарал помош за дополнителни полициски сили од Единицата за известување и командување, а за истото бил запознат и помошникот К.Б. по телефон за новонастанатата ситуација и од истиот побарал веднаш дополнителни полициски сили. Од негова страна му било укажано да се ангажираат и да постапуваат со тие полициски сили кои што ги имаат во моментот на располагање бидејќи СВР С. во моментот располагало со тие сили, а дополнителни сили други немало. Таа ситуација траела негде околу половина час и околу 18,35 часот, насобраните граѓани повторно почнале да ја тресат оградата, некои почнале да се качуваат на истата, се прекачувале преку неа и успеале да го пробијат кордонот од 30 полицајци кои што биле позади самата полициска ограда и се упатиле спрема објектот на Собранието. Полициските службеници кои што биле кај полициските огради не успеале да ги спречат во нивното движење према Собранието, како и полициските службеници од Одделот за специјални полициски операции во чиј што домен на постапување било и справување со новонастанатата ситуација, односно тој момент кога се нарушува јавниот ред и мир, раководењето и командувањето го превзема од Одделот за специјални полициски операции се до воспоставување повторно на јавниот ред и мир. Бидејќи масата народ почнала да се движи према вратите, полициските службеници веднаш постапиле по претходно добиената наредба, односно се распоределе по претходно дадените наредби на главната влезна врата, на двете врати што се према Домот на АРМ, страничната врата што е према улица „Даме Груев“, како и на влезот за гаражите, се со цел спречување на влез на граѓани во Собранието внатре и со знаење дека влезните врати тешко можат, односно не можат фактички да се отворат од надворешна страна и дека е невозможно да се отворат бидејќи се добро направени за да спречат маса народ со раце само да успеат да влезат во Собранието. За таа стиуација веднаш била известена Единцата

за известување и командување преку радио врска како и телефонски помошникот Б. за што повторно побарал дополнителни полициски сили од Одделот за специјални полициски операции, односно ПЕП, ЕБР специјална единица, ЕСЗ, како и други полициски сили од полициските станици. Повторно му било кажано дека ќе се упатат само полициски сили од полициските станици од оние што во моментот ги имале на располагање, додека останати полициски сили од Одделот за специјални полициски операции сеуште немале. За таа ситуација бил известен и одговорниот од внатрешното обезбедување на Собранието, дека масата е на самите влезни врати да постапи по претходно дадената наредба, да ги затвори вратите и да постави полициски службеници на самите врати од внатрешна страна. Со таквата поставеност се сметало дека за кратко време дека со тие сили ќе успеат да не дозволат влез во Собранието и дека за кратко време ќе им пристигне засилување. Таа ситуација траела до 19,00 часот кога добил информација дека главната влезна врата е отворена и дека масата народ го пробила полицискиот кордон кој што бил поставен на самата влезна врата и дека влегува во просториите на Собранието. Повторно бил известен помошникот К. Б., Единицата за известување и командување преку радио врска и повторно биле побарани дополнителни полициски сили и повторно добил одговор да се справува со ситуацијата со тие сили што во моментот ги имале, дека други сили немало. Негде до 19,30 – 19,45 чаот добил информации од помошникот Б. дека дел од пратениците се нападнати од масата народ која што влегла внатре и дека треба дел од силите да упатат внатре како би поставиле тампон зона пратениците и народот, односно би ги спречиле. Напомена дека некаде околу 18,45 часот со силите од ОСПО раководел помошникот командат В. Н., кој што дел од силите ги упатил внатре во Собранието со цел заштита на пратениците кои што биле нападнати. После 19,30-19,40 часот, со дел од силите кои што во 18,30 дошле десет полициски службеници од Единицата за јавен ред и мир кои што дошле од ракометниот натпревар како засилување и десетина полицајци од полициските станици, успеал да се пробие внатре во Собранието со помош на полициски службеник од внатрешното обезбедување кој што го однел до пред влезот за Прес салата каде што биле дел од пратениците и масата народ која што ги напаѓала. Околу 20,00 часот, можеби 20,05 часот, силите од Оделот за специјални полициски операции заедно со дел со силите на Единицата за јавен ред и мир превземале мерки во Прес салата при што насобраната група луѓе била разбиена, а пратениците евакуирани во дел од канцелариите на истиот спрат и кои канцеларии почнала да ги обезбедува Единицата за јавен ред и мир и полициските службеници од полициските станици, додека припадниците од Одделот за специјални полициски операции ги блокирале приодите кон тие канцеларии бидејќи имале постојан притисок и напад према полициските службеници од страна на граѓаните кои што биле присутни во Собранието, притоа упатувајќи разни метални, дрвени предмети, ПП апарати према полициските службеници. Притоа биле приведени неколку граѓани, а биле

повредени и неколку полициски службеници. Од дополнителни полициски службеници биле пристигнати само полициски службеници од полициските станици кои што биле распоредени на влезните врати и внатре во Собранието, како и околу седум припадници од Единицата за специјални задачи. Во 21,00 часот, 21,15 часот пристигнало засилувањето од Одделот за специјални полициски операции со поголем број на полициски службеници кои што по 21,20 часот почнале да превземаат мерки за отстранување на граѓаните од просториите на Собранието, обезбедување на коридор за извлекување на пратениците од самото Собрание и оддалечување на масата народ од поблиската близина на Собранието. Бидеји имало пратеници кои што биле повредени, од негова страна преку Единицата за известување и командување биле побарани медицински екипи со цел укажување на медицинска помош кои медицински екипи многу тешко или воопшто не успевале да се пробијат до Собранието бидејќи биле задржувани од граѓаните кои што биле околу целото Собрание, на сите влезови, но две екипи некако успеале да се пробијат и да им пружат медицинска помош на пратениците, а за еден од пратениците, поточно за З. С. добиле информација дека е тешко повреден и дека доколку во побрзо време не му се укаже медицинска помош може да има потешки последици по неговото здравје. Успеале да обезбедат и медицинска екипа и за него, го извлекле од просториите каде што бил и со медицинското возило бил упатен во соодветен медицински центар за укажување на медицинска помош. По 22,30 часот со интервенција на Оддел за специјални полициски операции масата народ била отстранета од просториите на Собранието, бил обезбеден коридор за извлекување на пратениците и со нивна придружба, придружба од Единицата за јавен ред и мир полициските станици пратениците биле извлекувани од просториите и со возила на МВР биле однесени во Полициската база во Ѓ. П.. По 23,30 часот него му било кажано дека неговите активности што се однесувале за тој ден биле завршени и бил ослободен од понатамошните активности во врска со ситуацијата. Наведе дека постојат повеќе причини што не успеале да ја спречат мастата народ при прекачување и пробивање на оградата, а една од причините била недоволниот број на полициски службеници, агресивноста на граѓаните кои биле во првите редови на масата пред Собранието бидејќи на отприлика сто метри простор биле триесетина полицајци што значи еден полицаец би требало да брани простор од околу 3-3,5 метри околу себе, како и дадените насоки за постапување од претходното обезбедување значи во изминатиот период со таканаречена пасивна употреба на сила од страна на полициските службеници. Наведе дека според планот кој бил изготвен за протестите доколку дојде до пробивање на првиот кордон на полициските службеници кои што биле полициски службеници од полициски станици и масата дојде до вториот кордон, односно во случајот каде што биле полициските службеници од Одделот за специјални полициски операции командата ја превзема одговорниот од Одделот за специјални полициски операции се до повторно воспоставување на јавен

ред и мир. Наведе дека постојано го информирале помошниот оперативен штаб за новонастаната ситуација и дека помошниот штаб давал наредби за понатамошно постапување. Појасни дека по радио врска на тоа што комуницира СВР С. тоа известување го слушаат сите во СВР С., Единицата за известување и командување, а мисли дека и ЦИК во МВР, односно при Центар за известување и командување што е во МВР. Истакна дека не може точно да каже кого се известува Единицата за известување и командување, меѓутоа сигурно ги известува помошниот оперативен штаб, односно началникот на СВР С. и помошникот за Општа безбедност, К.Б.. Смета дека не ја добиле навремено помошта од дополнителни сили на ОСПО која што ја барале од почетокот. Наведе дека не е точно дека во полицијата не постои терминот пасивна употреба на сила. Истакна дека тој е припадник на Единицата за јавен ред и мир, не е припадник на Одделот значи на Единицата за брзо распоредување која што во моментот била како Единица за брза интервенција, па штом масата народ го помине првиот кордон од полициски службеници и дојде до вториот кордон каде што биле припадниците на Одделот за специјални полициски операции со нивна употреба, односно со самото тоа командата за понатамошно постапување ја превзема одговорниот од Оддделот за специјални полициски операции, кај него е одговорноста какви сили, средства и методи ќе превземе и дали ќе превземе, во моментот одговорниот на силите за ОСПО проценил согласно самата ситуација, малиот број на полициски службеници со кои што располагал во моментот, поголемиот број на присутни граѓани, агресивни кои што поголем дел имало и со фантомки на главата, односно маскирани лица и проценил дека ќе постапи на начин како што постапил во моментот, а за специјалноста на ЕБР наведе дека не може да цени бидејќи не е во таа единица. Сведокот појасни дека СВР С. прави побарување со допис, односно телеграмата која што ја споменал е за интерно ангажирање на полициски службеници од СВР С.. Наведе дека бројната состојба на водовите од Специјалните полициски единици ги одредуваат нивните старешини и во зависност од можноста со колку располагаат праќаат соодветен број, тој тогаш располагал само со два вода, а дали водовите биле 40, 50 или 60 не бил во можност да каже. Појасни дека на 27-ми биле присутни два вода од Одделот за специјални полициски операции, со тоа што околу 15 полициски службеници биле упатени на ракометниот натпревар, а нешто повеќе од 30-35 што останале од Одделот за специјални полициски операции заедно со 35 полициски службеници од полициските станици останале пред Собранието на РМ, таа бројка останала се до 18,35 кога масата го пробила кордонот и дошла до влезните врати, тие петнаесетмина полициски службеници од Одделот за специјални полициски операции кои што биле пратени на ракометниот натпревар на негово барање биле веднаш повлечени да се вратат назад, како и дополнителни сили од Единицата за јавен ред и мир кои што биле повлечени од ракометниот натпревар и негде до 18,45 часот, односно кога масата веќе била влезена до влезните врати, тие сили тогаш пристигнале

пред Собранието и биле ставени во функција на обезбедување на влезните врати. Наведе дека припадниците од Специјалните полициски операции пристигнале во моментот кога веќе главната влезна врата била отворена како и припадниците, односно десетте полициски службеници од Единицата за јавен ред и мир, само десет што можело да се види и од снимките преку медиумите. Објасни дека по радио врска барал од Единицата за известување и командување и помошниот оперативен штаб, а од друго место не знае од каде би барал бидејќи тие биле непосредно претпоставени над него и сите информации и барања оделе преку Единицата за известување и командување и помошниот оперативен штаб, други структури или други старешини кои што би требало да ги известува нема, односно тој немал такви ингеренции да се јави директно кај некого. Наведе дека доколку дојде до пробивање на првиот кордон и масата на луѓе дојде до вториот кордон, командата ја превзема одговорниот полициски службеник од специјалните единици кој што е на лице место, односно со полициските службеници понатаму раководи одговорниот од Одделот за специјални полициски операции до повторно воспоставување на нарушениот јавен ред и мир. Притоа појасни дека до 18,45 часот Г. З. бил одговорен за тие два вода од Одделот за специјални полициски операции, а од 18,45 часот со нив раководел помошник командант на ЕБР. Сведокот појасни дека после 20,05 часот припадниците од ЕБР кои што биле внатре во Собранието, претходно биле пратени надвор од Собранието и дел од припадници на ЕБР со полициски службеници од полициски станици интервенирале и ги извлекле пратениците од Прес салата, а дополнителни сили од Оддел за специјални полициски операции пристигнале после 21,15 часот, додека седум припадници од ЕСЗ пристигнале пред 20,00 часот кои што заедно интервенирале со силите од ОСПО. Наведе дека сепак пратениците биле евакуирани со интервенција на специјалните полициски единици. Сведокот појаси дека тој за цело време бил пред Собранието и за цело време превземале мерки и активности со цел извлекување, односно евакуирање на пратениците. Согласно Планот за превземање мерки и активности за обезбедување на протестот, а врз основа на неделниот распоред што се правел во СВР С. за ангажирање на одговорни работници од СВР С. за обезбедување на протестот, на 27.04.2017 година тој бил одговорен за полициските сили за обезбедување на протестот, односно бил бронзен командир и според процедурите имал право да издава наредби и во наведеното време издавал наредби. Сведокот појасни дека наведениот ден полициските службеници постапувале согласно претходно изготвен план, односно анекс план кој што бил изготвен врз основа на план од страна на СВР С., со знаење и одобрение на БЈБ, односно повисоките структури, со знаење на Одделот за специјални полициски операции кои што планови точно било наведено како да се постапува, во кои фази, кој, што, како наредува, како да се употреби сила и каква сила и кој е одговорен за командување во секоја фаза од протестите, односно полициското постапување. Нагласи дека тој ден имало 35 полициски службеници кои што биле во првиот

кордон на растојание од повеќе од сто метри позади кои имало околу 35 припадници на ЕБР во втор кордон на растојание од сто метри, повеќе од сто метри, кои што согласно Планот добиле задача да не дозволат насилен влез на граѓани према Собранието и кои што полициски службеници превземале мерки да ги спречат граѓаните да не влезат, меѓутоа не успеале во тоа и дошле до влезните врати. Истиот направи споредба па истакна дека  истото Собрание 15 дена пред тој датум при конститутивната седница го обезбедувале 470 полициски службеници, со шест вода од ОСПО, па може да се спореди колкава била бројката на полициски службеници тогаш со далеку помала маса на народ и полициски службеници, а на 27-ми со три до четири илјади народ од кои што во првите редови маскирани лица, лица во добра физичка кондиција, претежно машки лица, спремни како што се видело и не само да го нарушат јавниот ред и мир туку и да повредат граѓани и пратеници, односно бројката 35 полицајци и 35 припадници од ЕБР, а во споредба 476. Појасни дека за да се употреби сила како полиција, треба да се направи проценка на ризик, односно проценка дали со тие сили со кои што во моментот се располага, нивната екипираност, материјално-техничка опременост, дали е таа бројка доволна да се превземе, односно да се употреби сила спрема три до четири илјади народ и какви последици би настанале како по самите полициски службеници така и по граѓаните, а употребата на сила после пробивањето на првиот кордон наведе дека е во доменот на Оделот за специјални полициски операции. Сведокот исто така појасни и дека во моментот кога се отворале вратите тој не бил на главната влезна врата, бил на задната, кај излезот за гаражите со цел да од таму ги извлече пратениците кои што биле затворени во Собранието, а за тоа добил известување од помошникот К. Б. како и по радио врска од полициските службеници кои што биле на самата главна влезна врата. Објасни дека Единицата „Алфа“ во моментот имала два тима на терен од кои едниот на „Кале“, а другиот во близина на Владата на РМ кои што биле во функција да не дојде до нарушување на јавниот ред и мир на просторот на „Кале“, како и во близина на Владата на РМ, а за нивни дополнителни ангажмани или задачи или нивна бројка на застапеност наведе дека немал информации бидејќи тие се од друга организациона единица. Тимови на „Алфи“ имало во Собранието, односно кога дошло до извлекување на пратениците, го видел нивниот претпоставен, односно одговорниот на „Алфите“ кои што превземале мерки во Собранието при извлекувањето и при обезбедувањето на самите пратеници во просториите каде што биле чувани. Појасни дека лицата кои биле забележани со маски на главата, односно фантомки, полициските службеници имаат обврска да го утврдат идентитетот или евентуално ги приведат тие лица и без да им дадат задача. Сведокот истакна дека маскираните лица кои се движеле во Собранието не знае дали биле од посебна единица, а оние маскирани лица кои тој успеал да ги забележи биле во различна цивилна облека, со фантомки на главата, некои носеле и тактички елеци и немале никакви идентификации од кои би биле идентификувани дека се од некој државен

орган или полициски, како што во таков случај носат „Алфите“ или останатите цивилни работници од Крим. полиција како би биле препознаени дека се припадници на полицијата, ниту пак некој се легитимирал дека е овластено лице, односно припадник на МВР. Сведокот во својот исказ појасни и дека во комуникацијата со шефот на внатрешното обезбедување на Собранието во моментот кога масата веќе била пред Собрание на истиот му кажал да ги затвори вратите, да ги обезбеди со металните лостови, а не му кажал да ги заклучи бидејќи не знаел дали тие се заклучуваат, туку му кажал да постави полициски службеници и да не дозволи нивно отворање од внатрешна страна. Сведокот наведе дека вратите на Собранието не биле отворени и кога по трет пат му се јавил на Началникот на внатрешното обезбедување на Собранието, а тоа бил моментот кога луѓето веќе се наоѓале пред главните врати на Собранието и страничните влезови и му ја дал истата наредба за затворање на вратите со лостовите кои што постоеле на истите.

Исказот на сведокот е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите докази па судот во целост поклони верба на истиот. Сведокот даде хронолошки опис на настаните. Истиот на многу јасен начин појасни дека критичниот ден имало лица кои што претходно не биле присутни пред Владата, односно поголем број на помлади машки лица во првите редови, во појака физичка кондиција, имало граѓани во маици со чудна иконографија. Сведокот точно посочи кога дел од масата почнале да ја фаќаат со раце полициската ограда, да ја тресат и да се обидуваат да ја одвлечат, а тоа било околу 18:50 часот. Тој зборува за малиот број на полициски службеници тој ден, а станува збор само за 35 полицајци и 35 припадници од ЕБР при што на јасен начин ја направи споредбата на бројот на полициски службеници 15 дена пред тој датум кога Собранието го обезбедувале 470 полициски службеници, истакнувајќи дека не ја добиле навремено помошта од дополнителни сили на ОСПО која што ја барале од почетокот. Воедно сведокот појасни дека кога се нарушува јавниот ред и мир, раководењето и командувањето го превзема одговорниот од Одделот за специјални полициски операции се до воспоставување повторно на јавниот ред и мир, а критичниот ден дури во 21,00 часот, 21,15 часот пристигнало засилувањето од Одделот за специјални полициски операции со поголем број на полициски службеници. Сведокот на јасен и категоричен начин ги наведе причините заради кои не успеале да ја спречат масата народ при прекачување и пробивање на оградата, а една од причините била недоволниот број на полициски службеници, бидејќи на отприлика сто метри простор биле триесетина полицајци што значи еден полицаец би требало да брани простор од околу 3-3,5 метри околу себе, како и дадените насоки за постапување со таканаречена пасивна употреба на сила од страна на полициските службеници.

Сведокот В. Н. во својот исказ наведе дека од 2017 година бил на работно место Помошник командант во Единица за брзо распоредување. Согласно побарувањата што биле дадени од СВР С. во врска со протестите и воспоставена оперативна акција „Платформа“ се изготвувале оперативни планови за обезбедување на протестите, планирањето на силите ангажирани на протестите ги изготвувале тие, командата ЕБР согласно останатите ангажмани. Планот за протестите се изготвувал секојдневно, но секој ден се подготвувал посебен план, по однос на протестите за 27 наведе дека тој бил претходниот ден на работа и планот го изготвил тој во координација со колегите од Штабот на ЕБР, а распоредите за ангажирање на припадниците ги изготвувале претпоставените нивни старешини, командирите на чети и командирите на водови т.е. раководителите на основните единици. Барањата за ангажманот стигале преку Одделот за специјални полициски операции согласно претходно побарување од СВР С. и согласно тие побарувања се постапувало. Началник во тоа време во Одделот за специјални полициски операции бил Митко Пешов. Наведе дека немал непосреден контакт со Митко Пешов, не се виделе, но се слушнале некаде пред завршување на работното време во врска со останати ангажмани за наредниот ден. Митко Пешов му кажал дека во најава има од СВР С. за ракометен натпревар Вардар не знае со кого имало, дека највератно ќе имало побарување и за таа активност и тоа истото ќе го договореле со Командатот бидејќи тој наредниот ден бил слободен. Истакна дека на 27 април како што кажал и претходно користел слободен ден со домашни обврски, некаде околу пладне не знае точно колку било, некаде 16,00 часот со двајца колеги отишле на седенка, на пијалок во Кафе бар „Калабалак“ и поврзано во контекст со настаните околку 18,30, 18,35 и 18,40 часот телефонски му се јавил Командантот Марјан Петковски. Истиот го информирал дека во моментот каде што се одржувал протестот на Собранието на РМ во тек било нарушување на јавниот ред и мир и истиот му кажал ако е во можност што е можно побргу да пристигне на лице место и да го информира за настанатата состојба пред Собрание и да пружи помош на колегите кои што веќе биле таму. Веднаш со еден од колегите се упатил кон објектот на Собранието со возило, бил во цивилна облека, во тренерки и се упатил да го најде одговорниот за обезбедување на протестот на единицата командирот на чета З.Г. кој бил одговорен за протестот за обезбедување се со цел да се искоординира со истиот, да види точно што се случувало и секако да му пружи помош. При самото негово пристигнување пред објектот веќе дел од масата која што протестирала ги имала прескокнато заштитните огради, кордоните кои што биле поставени од СВР С. и Единицата за брзо распоредување и истите веќе се упатувале према влезовите на Собранието, према северните влезови, главниот влез. Во тој момент стапил во контакт со одговорниот, а претходно по добиени насоки од командантот стапил во контакт и со одговорниот старешина на СВР С., за целокупното обезбедување на протестот З. С., Заменик началник на Единицата за јавен ред и мир на С.. Не се сеќава точно од некои од

колегите земал радио станица бидејќи немал радио станица и стапил во контакт со одговорниот за обезбедување од ЕБР З.Г., во негова непосредна близина бил и одговорниот за целокупното обезбедување З. С. од кого се запознал со ситуацијата, а и лично увидел дека веќе масата била на главниот влез и се обидувала насилно да ги пробие кордоните од полициски службеници кои што во меѓувреме се прегрупирале и се поставиле на главниот влез. Во меѓувреме за истото го информирал Командантот на ЕБР кој што пристигнал, М. П., го информирал дека во моментот се случуваат нарушувања и дека масата се обидува да влезе во Собранието, дека има обид. Во тој временски период исто така добил телефонски повик од Директорот на јавна безбедност Митко Чавков, точно не знае, но било пред 19,00 часот, кој исто така побарал од него да му ја презентира состојбата и на истиот му кажал дека во моментот се случува обид за влез во Собрание, од кого добил насоки да ја следи состојбата и да превзема мерки и активности во врска со справување со настанатата состојба и на истиот му потенцирал дека имаат константен прилив на протестанти и да бара засилување т.е. по негова проценка со тие сили кои што биле распоредени дента многу тешко ќе можат да се справат со состојбата т.е. со нарушувањето што се случувало. Во комуникацијата со Командантот на Единицата за брзо распоредување кој што повторно му се јавил му кажал за ново настанатите состојби да ги препраќа кон Началникот на Одделот за специјални полициски операции Митко Пешов со кого исто така се слушнал телефонски и ја споделил информацијата во врска со состојбата пред објектот. Тоа се случувало многу бргу, некаде пред 19,00 часот од сите страни доаѓала маса на протестанти и кон западниот влез на Собранието од страна на АРМ, каде што исто така имало обид за насилен влез, таму биле поставени колеги од СВР С.. Во тој момент тој извршил прегрупирање на силите така да дел од силите ангажирани ги префрлил за блокада на тој влез. Од одговорниот старешина од СВР С. со кого бил во целосна комуникација и координација, З. С., а подоцна и од одговорниот  З.Г., добил информација дека масата протестанти насилно влегла од северниот влез на објектот внатре во Собранието. За истото од негова страна бил информиран Началникот за Одделот за специјални полициски операции и му кажал дека во моментот имале влегување на поголеми групи во Собранието и истиот му дал насоки со силите да се влезе внатре во Собрание и да се воспостави нарушениот јавен ред и мир во Собранието. Веднаш одговорниот од Единицата за брзо распоредување З. Г. наредил со дел од силите што биле ангажирани за блокада на влезовите да влезе внатре во Собранието и по можност да го воспостави нарушениот јавен ред и мир. Потенцираше дека за цело време имале константен прилив на граѓани т.е. протестанти кои што влегувале во Собранието, а колегите што останале за блокирање на влезовите не биле во можност да го спречат влегувањето. Истите биле насилни при што имало и повредени колеги од судирот со протестантите кои влегувале насилно и се обидувале да влезат насилно во Собранието. За цело време бил надвор од обејктот на западната страна со одговорниот

З. С., и ги координирале активностите на терен. Во еден момент не може да се сети кое време било, добил информации од истиот дека во сала број 3 во Собранието и Прес сала во која се наоѓале пратеници се случувало големо нарушување на јавниот ред и мир. За истото го информирал и одговорниот З. Г. кој со дел од колегите веќе бил влезен внатре и интервенирал со цел да се воспостави јавниот ред и мир во објектот. За истото телефонски ги информирал Началникот на Одделот за специјални полициски операциии Пешов и повторно телефонски му се јавил Директорот Митко Чавков и истите му дале насока со сите расположиви сили да се упати, односно да ги упати силите кон Прес салата и салата бр.3 каде што во моментот имало големо нарушување. Во меѓувреме, тој истото и го сторил, му дал наредба и насока на одговорниот Згонц Горан и со силите кои што биле внатре и силите коишто останале на влезовите за блокада да се упати веднаш према Прес салата и салата бр. 3 и да го воспостави нарушениот јавен ред и мир. Истиот константно се обидувал да се пробие до наведената локација, од страна на демонстрантите наишол на голем отпор при што исто така биле повредени неколку колеги за што од негова страна му била дадена наредба да примени средства за присилба се со цел да дојде до наведената локација и да го воспостави нарушениот јавен ред и мир. Во меѓувреме од одговорниот на СВР С. З. С. добил информација и командирот З.Г. дека внатре во салата бр.3 и Прес салата каде што било во тек нарушувањето на јавниот ред и мир од страна на одговорните старешени од внатрешното обезбедување на Собранието кои што се наоѓале на лице место добил информации дека некоку пратеници се повредени, новинари и колеги, во тој момент тој со одговорниот З.С. преку задниот влез на гаражите тоа е влез за евакуација се упатил и влегол внатре во објектот на Собранието, мисли дека тоа било околу 20,00 часот. Во меѓувреме пристинале и два тима од Единицата за обука и поддршка ПЕП и еден тим колеги од Единицата за специјални задачи „Тигар“. Кога влегол во ходникот пред Прес салата и тој ходник пред Прес салата и салата 3 видел неколку повредени колеги од СВР С. и од ЕБР и ја видел интервенцијата која што веќе се спроведувала од страна на колегите кои веќе биле внатре да интервенираат. Во ходникот пред Прес салата имало импровизирана блокада со инвентар маси, столици кои колегите упорно се обидувале да ја отстранат се со цел да се пробијат до салата, но од спротивната страна биле попречувани од група на демонстранти, дел од нив маскирани со фантомки кои не бирајќи средства и предмети ги напаѓале колегите, што се обидувале да влезат во Прес салата. Од тој момент се приклучил и тој кон интервенцијата претходно со одговорниот од СВР С. З. С., а во меѓувреме дошол и М. С. Началник од СВР С., разработил план за коридор, за евакуација на лицата што биле во Прес салата и во меѓувреме ги прегрупирал силите што дошле на помош од Единицата за обука и подршка и дел од тимовите на ЕБР да направат блокада на вратата која што водела од Претседателскиот кабинет до ходникот каде што веќе била во тек интервенцијата, се со цел протестантите да влезат внатре. Напомена дека имало константен прилив

и напад на демонстрантите да влезат и од таа страна кон местото каде што интервенирале, по што и била направена блокада од нивните колеги и иститe постојано се соочувале со констатен напад. Во меѓувреме поради големото нарушување и нападот на полициски службеници неможноста на поинаков начин да се отстрани блокадата од Прес салата телефонски го информирал Директорот Митко Чавков за состојбата внатре и хаосот што владеел, истиот му наредил со сите средства и сили да продолжат напред се со цел да влезат внатре и да пружат помош. Бидејќи на друг начин не успеале и не можеле да влезат неколку пати протестантите станувале се подрски и во еден момент кон полициските службените, односно кон нив употребиле противпожарен апарат и го намалиле видното поле за интервенција. Од Директорот Митко Чавков побарал да употребат пиротехнички експлозивни средства, шок бомби и да пробаат на тој начин да влезат, за што од истиот добил одобрување. Откога ги употребиле шок бомбите дошло до заплашување на демонстрантите и оддалечување од блокадата при што со тешки маки дошле до Прес салата и сала бр.3, истата од страна на нивните полициски службеници била обезбедена. Во тој момент видел многу раскрвавени лица, некој колега бил многу повреден, мисли дека бил А. А. во бессознание и неколку пратеници биле повредени и врз база на претходно организираниот коридор од негова страна иститe биле дислоцирани од Прес салата, имало новинари, колеги и службени лица од Собрание најверојатно, иститe ги дислоцирале во една од канцелариите на првиот кат која што претходно ја обезбедиле. Потенцираше дека при воспоставување на нарушениот јавен ред и мир биле повредени негови колеги, кои еден или двајца потешко, исто бил повреден и тој, добил удари во пределот на главата, левата рака, десната нога. Во меѓувреме од вратата која што е во ходникот од Претседателскиот кабинет добил информација од одговорниот старешина кој што бил поставен за блокирање на влезот бидејќи имале константен обид за насилен влез кон просториите каде што биле дислоцирани пратениците и повредените лица, побарал одобрување бидејќи на друг начин не можело да се спречи да повторно употребат и пиротехнички експлозивни средства, шок бомби. Во меѓувреме барал преку Командантот што побргу да им пристигнат сили да им пружат испомош бидејќи се соочувале со константен напад и обид за влез внатре во просториите и бил информиран дека веќе се упатени единици на испомош. Поради сериозноста на повредите, неговиот колега А. и Пратеникот З. С. кој што бил донесен од некои од канцелациииите истиот бил во  бессознание и ставен на импровизирана носилка, односно тоа било врата, од страна на медицинско лице му се пружала помош, но истото кажало дека ако во најкус можен рок не се дислоцира или не се однесе на некои од клиниките постоела опасност по живот. За тоа исто така  по радио врска ги информирал одговорните старешени и кажал дека ќе  се обиде да направи коридор од излезот од источната страна, излезот „Винар“ се со цел повредените да ги дислоцираат од објектот. Направил обид неколку пати преку еден од одговорните старешени од внатрешното

обезбедување, не знае кој, да ја отклучат вратата. За кратко време истиот го донел клучот, ги организирал колегите да се спремат за интервенција зошто и надвор од Собранието, од источната страна имало група на протестанти помала, направиле обид да ги изнесат повредените, но со самото отварање на вратата откога ги виделе протестантите групата се зголемила и биле приморани повторно да ја затворат вратата и да останат внатре. По некое време Командантот на Единицата за брзо распоредување го слушал на врска како се прегрупирале силите кои што им доаѓале на испомош се со цел да влезат внатре во објектот и да пружат помош. Истото се случило, не знае точно време, тоа било после 21,00 часот, со употреба на средства за присилба, шок бомби се пробиле до неговите позиции внатре, потоа по насоки на Командантот извршиле прегрупирање на силите и најверојатно во консултација и координација со некој од штабот од МВР, добиле наредба да направат подготовка за евакуација на пратениците и службените лица кои што биле внатре. Во меѓувреме пристигнале и поголем дел од силите за интервенција од ЕБР, колеги од  ЕСЗ „Тигар“ и од Единицата за обука и поддршка, изготвиле план за евакуација, односно да ги изнесат надвор пратенците со претходно блокирање на просторот од задниот влез за евакуација т.е. влезот на гаражите кој претходно колегите од надвор го блокирале, по што мисли дека околу 22,00 часот било, започнале со евакуација на пратениците и лицата кои што биле внатре обезбедени. Напомена дека и надвор додека траела евакуацијата константно имало нарушување на јавниот ред и мир, но успеале да ги дислоцираат, односно да ги евакуираат повредените лица, пратениците и службените лица од објектот, по што исто така ги транспортирале и евакуирале и повредените колеги по клиниките меѓу кои бил и тој. Појасни дека од самиот момент на неговото доаѓање, односно пристигнување на лице место, кога започнало нарушувањето на јавниот ред и мир го информирал и Командатот и Директорот на БЈБ и Началникот на ОСПО дека со тие сили кои што биле таму не можело да се воспостави нарушениот јавен ред и мир и ќе биде многу тешко, дека му е потребно засилување. Појасни дека не може точно да се сети колку разговори имал со Митко Чавков, но биле во комуникација. Наведе дека точно не може да се сети во колку часот било кога му се јавил на Директорот на БЈБ Митко Чавков и му ја изложил ситуацијата пред Собранието, но знае дека било додека во моментот веќе се случувало нарушувањето во поголем обем внатре во објектот на Собранието. Појасни дека точно не може да се сети во колку часот ја добил наредбата за употреба на пиротехнички средства, односно шок бомби од страна на Директорот на БЈБ, но комуникацијата била околу 20,30 часот. Нагласи дека точно е дека во толпата која била насилна видел припадници на полицијата, односно видел нивни колега од Единицата за брзо распоредување, а колеги од тајна полиција не видел, тие биле најверојатно тајни. Наведе дека кога имал комуникација со колегата од ЕБР, му пришло лице кое што му го оттурнало мобилниот телефон во моментот кога разговарал, на истиот му кажал да се оддалечи

со тоа што со самата негова постапка го привлекол вниманието на протестантите кои тргнале кон него, тоа лице не го познава и истото дефинитивно не покажало беџ од тајната полиција. Појасни дека бил присутен и тоа било некаде после 22,00 часот од задниот влез на гаражите каде што бил влезот „Винар“, во тој момент командата ја превзел командантот штом дошол на лице место и истиот координирал и давал наредби за потиснување на масата на „Винар“, влезот на кој упорно масата народ сакала да ја попречи евакуацијата и издал наредба за присилба и употреба на шок бомби, тој бил присутен, бил од другата страна позади колегите во цивилна облека без торбичка координирајќи ги колегите исто така употребувајќи средства за присилба, шок бомби се со цел заплашување и оддалечување на масата од местото. Појасни дека кога пристигнал пред Собранието се сретнал со З. С. и Г. З. и тие лица во тој момент биле бронзени командири, а по неговото пристигнување тој ја земал радио врската и почнал да издава наредби на ЕБР, што значи дека во тој момент тој ја превзема бронзената команда во негови раце.

Судот поклони верба на исказот на сведокот со оглед дека неговиот исказ е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите докази. Истиот точно посочи дека имал комуникација со Директорот Митко Чавков, точно не знае кога била таа комуникација, но било пред 19,00 часот, а имал комуникација и со обвинетиот Митко Пешов. Истиот зборува за состојбата во Собранието, за раскрвавени глави, односно повредени пратени, полициски службеници и за нивната евакуација, но истиот јасно кажа дека во толпата која била насилна видел припадници на полицијата, односно видел нивни колега од Единицата за брзо распоредување. Сведокот од Директорот Митко Чавков побарал да употребат пиротехнички експлозивни средства, шок бомби и откако добил одобрување биле употребени истите но тоа било околу 20:30 часот.

Сведокот М. П. во својот исказ наведе дека во месец април 2017 година бил на работно место Командант на Единицата за брзо распоредување и на 27-ми април бил на работа прва смена при што се задржал некаде до околу 17,00 часот. Наведе дека околку 17,00 часот тој си одел накај дома, поминал покрај објектот на Влада, ги видел возилата на колегите на Единицата за брзо распоредување, се слушнал со одговорниот за тој ден, со командирот Г. З. кој согласно наредба за вршење на служба и дневен план за ангажирење на Единицата по барање на СВР С. постапувал за обезбедување на јавниот собир. Согласно планот имало со него два вода, едниот распореден со него за обезбедување на објектот на Влада на РМ и другиот за обезбедување на Собрание на РМ. Во разговорот истиот го информирал дека протестот пред Влада завршил и дека за кратко се упатува према Собрание и дека водот пред Влада согласно насоките што ги добил од помошникот В. добил упат за обезбедување на ракометниот натпревар во салата „Јане Сандански“, по што телефонски се слушнал со началникот Пешов Митко и во разговор со истиот констатирано било дека на 25-ти кога ги договарале и планирале силите, било договорено по

завршување на целиот протест тогаш да упатат уште еден вод према салата „Јане Сандански“, по што за кратко истиот му јавил да упати еден тим од 10 луѓе со две возила по што го информирал командирот на чета, одговорниот З.. Потоа си заминал дома, имал некои домашни обврски, бил на роденден во игротека со малиот и околку 18,40 часот телефонски му се јавил Командирот на чета З. Г., го известил дека масата почнала да ги тресе оградите, станувала агресивна и дека повикуваат на немири. За истото му наредил да ги повика колегите што биле пратени спрема „Јане Сандански“ и да повика од база ако има резервни сили вкупно седум припадника, да ги повика да се приклучат, да помогнат. Потоа му се јавил телефонски на началникот Пешов, го информирал за состојбата и побарал и од него добил одобрување да го упати помошникот В. Н. како повисок старешина, поискусен да помогне на колегата З.. За тоа добил одобрение и во разговорот тогаш го прашал дали да ги повика и другите припадници и истиот му кажал дека ќе му јави. Околу 19,00 часот телефонски му се јавил В. Н. помошникот командант кој бил на лице место и му кажал дека дел од масата е влезена во Собранието на РМ. За истото го информирал началникот Пешов и од истиот добил за кратко насока да се упати во базата на ЕБР, дека за кратко дека и тој ќе се упател, дека ќе дошле старешините од Единицата за специјални задачи „Тигар“ и колегите од ПЕП од посебната единица така ги викале, да ги повика замeникот командант од неговата единица, помошникот командант, заменик командат, помошник командант и командири на чета, за да направат координација за пружање на помош на колегите. Од негова страна во разговорот го прашал дали да ги повика и другите колеги, истиот му одговорил сега за сега само старешините, по што од негова страна телефонски му се јавил на помошникот В., го информирал за задачата која ја добил и му кажал во итерес на време, за сите информации и случувања да го информира началникот Пешов. Постапил по наредбата, му се јавил на Заменик командантот, Ј. З., Помошниот командант К. И. и на Командирот на чета Ш. Г.. На Помошникот командант К.И. му пренел, го информирал да ги повика останатите командири на чета. Во базата стигнал некаде околку 19,20 часот по што се упатил кај дежурниот во ЕБР и му издал наредба да ја подготви просторијата за брифинг, на Гугл картата на Град С. за да можат кога ќе пристигне началникот и старешините да постапуваат. Потоа се облекол во униформа и како стигале командирите на чети почнал со подготовка на истите, по што чекале наредба за повикување за подготовка на колегите кои што ќе пристигнат од дома, нивно реорганизирање затоа што немало да можат да бидат во формација бидејќи како што доаѓале за најкраток временски период да се упатат на терен. Околу 19,30 имал комуникација со помошникот В. Н., не се сеќава кој на кого се јавил и притоа истиот му кажал дека има повредени колеги и дека состојбата е тензична. За истото му се јавил на началникот Пешов и истиот му кажал дека е во тек и за кратко дека ќе прати засилување. По кратко време истиот му се јавил и му кажал дека тимови од Посебната единица и од Единицата за специјални

задачи не се сеќава, дали вод или тим, околку 19,50 пристигнал командантот на ЕСЗ С. П., пристигнал во базата, пристигнал кај него, по кратко време дошол и неговиот помошник. Тогаш телефонски тој му се јавил на началникот Пешов и го прашал до каде е и го информирал дека С. и старешините се пристигнати. Истиот му кажал дека е повикан во штабот на МВР, по што тој го прашал дали со командантот С. да ги повикуваат колегите, истиот му кажал дека за кратко ќе му јави. Околу 20,15 часот му се јавил началникот Пешов и му издал наредба за најкраток можен период да ги повика колегите и да се упатат према Собрание за да помогнат на колегите кои што биле на терен, пошто веќе имале направено подготовка со старешините кои биле пристигнати. Кога се упатил према Собранието, а за кратко се упатил према Собрание, некаде кај кружниот тек заедно со него бил помошникот Кириловски Игор, му се јавил Помошникот началник на ЦПС С.М. и му кажал замениkот командат да го упати да стапи во контакт со помошникот В.Н., а тој да стапи во контакт со командантот на ЕСЗ, ПЕП да превземат мерки за воспоставување на нарушениот јавен ред и мир на надворешниот периметар, околу. Точно не се сеќава дали тој или Б. Т. командант на ПЕП му се јавил додека биле во движење и во правец по „Даме Груев“ стигнале до позади Собрание кај влезот на гаражите, по што му издал наредба на помошникот К. да остане таму, да ги прифаќа колегите како пристигаат и да го информира, а тој со командантот Бранко се упатиле према задниот влез на Собрание и се споиле со командантот на ЕСЗ С.П.. Кога направиле контакт со С. околу објектот на Собрание од сите страни имало голема група на граѓани и се упатиле према главниот влез каде пред влезот се споиле со Заменикот командант, Ј. З.. Од началникот Пешов добил наредба да се упатат и да му помогнат на помошникот Влатко, затоа што масата се обидувала да го пробие делот каде што биле веќе забарикадирани, вратата ја имале врзано со лисици, тој отпосле ја видел кога го испразниле тој дел од платото над скалите. Во координација со командантот С. и Б. ги повикале колегите што веќе биле стигнати, по скалите како се влегувало од главниот влез на Собрание левиот дел се качиле према платото што водело, отпосле разбрал дека таму е кабинетот на Претседателот на Собрание и десно каде што колегите веќе биле забарикадирани и ја имале вратата заврзано со лисици. Качувајќи се по скалите виделе дека дел од масата со тврди предмети, со столчиња се обудувала да ја пробие вратата, луѓето што биле таму биле мирни, зборувале на скалите, ги пропуштиле кога тие дошле на горниот дел од платото, издале наредба спрема масата со гласно викање да прекинат со нарушувањето на јавниот ред и мир и да се повлечат и истите се оглушиле на неговата команда, на неговата наредба. Таму имало и голема бука од тоа што удирале по вратата, по што следело и фрлање на одредени предмети по нив, тврди предмети, столчиња, по што со потиснување почнале масата да ја притискаат према другиот дел на скалите, по што како што кажал со С. и Б. направиле таков план да едниот дел од скалите каде се влегувало од главниот влез према горниот спрат да го блокираат со нивни сили, а другиот да го остават слободен за

да може масата безбедно да се спушти према холот, према излезот. Како напредувале почнала од надвор и од холот да доаѓа поголема група на граѓани и да ги попречува во потиснувањето, по што по радио врска побарал од штабот, а претходно се јавил помошникот Митевски и прашувал до кај се, да побрзааат со евакуација. Побарал одобрение за употреба на шок бомба, по што од истиот му било пренесено да употребат се што е потребно за воспоставувањето на нарушениот јавен ред и мир. Употребиле две шок бомби кои ги фрлил меѓу скалите и ќошот од скалите каде што немало граѓани, по што на горниот дел не употребил бидејќи целиот простор бил полн со граѓани, знаејќи го ефектот на шок бомбите за да не повреди некој, по што по пукањето на бомбите масата се повлекла и успеале да ги потиснат скоро до првите скали од излезот. Во еден момент снемало струја, тоа траело можеби повеќе од десет секунди и од страна на колегите биле употребени уште две шок бомби, по што масата била потисната према главната врата и пристапиле со празнење на помошните простории, по негова проценка можеби имало околку 1000 до 1500 граѓани внатре, поголем дел од нив биле мирни. По затварањето на главната врата, од началникот Пешов и по врска од помошникот Митевски било побарано, по што тие биле тројца команданти, да побрзаат со евакуација на пратениците, на повредените и останатите. Наведе и дека горниот дел кога го исчистиле тогаш видел дека вратата е заврзана со лисици и тогаш направиле спој со помошникот В. и началникот тогаш С. од СВР и заедно со нив тие ги однеле по ходниците низ Собранието бидејќи тој тогаш прв пат влегол во Собрание, дошле на делот на излезот према гаражите, по нив дошле и колегите од единиците што биле со нив, под нивна команда, а тоа биле од ЕБР, ЕСЗ и ПЕП. Имало одреден момент кога радио станиците се блокирале и отпосле дознал дека во тој период еден од командирите што пристигнал на лице место го побарал на радио станица, како што кажал, одреден период имало блокада и се договориле и со командантите направиле план за потиснување на масата лево и десно од задниот влез на гаражата. Пред да излезат се слушнале со началникот Пешов за да почнат со потиснување на масата кој бил пристигнат на лице место и му кажал дека со него има два вода од ЕБР, му кажал дека надвор има голема маса на луѓе и поголема бројка. Во меѓувреме било побарано да обезбедат оклопни возила за евакуација на пратениците, преку помошникот К. дал насоки да повика од базата, а од разговор што слушнал мисли дека и командантот С. се јавил од кај него да повика од ЕСЗ. Со отварањето на вратата од гаражата и нивното излегување надвор за да направат коридор, масата од десно према АРМ била мирна, но од делот према „Даме Груев“, према Градска болница почнале со шишиња пластични, стаклени и други предмети да фрлаат према нив и при обидот на потиснување на масата во штитовите на колегите удирале со горни и долни екстремитети. Со употребата на шок бомби и потиснување, масата била оддалечена некаде пред семафорите на Градска болница на дваесеттина метри, тоа било веќе надвор кога излегле, со нив бил и началникот Пешов и по кратко по негова наредба

почнале со евакуација прво на повредените, а потоа и на другите пратеници, што претходно добиле насока и да ја обезбедат базата во Ѓ. П.. Дополнително ја обезбедиле со тоа и завршила нивната интервенција. Следувала наредба да се пребројат, да пријават према штабот за повредени колеги, колку колеги биле повредени, оштетена опрема, по што за кратко од началникот Пешов добил наредба не се сеќава на времето, да упати два вода за обезбедување на Б., према штабот на СДСМ. Појасни дека терминолошки лошо се изразил и дека тој ден приправност на дополнителни сили во база немале, тие колеги биле редовна втора смена на работа, дел од нив работеле административни работи или логистички, но и тие биле обучени за воспоставување на јавен ред и мир и затоа ги пратиле, инаку од побарувањето на носителите на активноста по насоки на началникот оставале или не оставале, таму немало дополнителни сили во база и уназад тоа било и претходните денови уназад за обезбедување на протестот или за некоја друга активност. Појасни дека кога кажал во координација со началникот, мислел на началникот на ОСПО, Пешов Митко. Истакна дека немаат тестирано реално време што е потребно за собирање на Единицата бидејќи Единицата е составена од припадници речиси од целата држава, има организиран превоз што е исфрлен на одредени точки за нивно побрзо доаѓање во база. Конкретно за овој случај може да каже дека првите тимови од моментот на давање на наредба до нивно пристигнување на лице место било некаде околу 45 минути, но тоа не била нивна формациска поставеност, кој како стигнал земал опрема, возило и организирано пристигнале на точката кај што им било наредено. Наведе дека по остварениот контакт со колегите кои што биле од другата страна на вратата и во разговорот по воспоставувањето на јавниот ред и мир дознал дека колегите ја имале потиснато дел од масата од тој ходник и таму успеале да се забарикадираат со затварање на металната врата, претпоставува дека за да ја пробијат таа врата, за да дојдат до просторот каде што биле колегите и евакуираните пратеници. Појасни дека комуницирал со началникот на ОСПО Митко Пешов и од него барал повикување на другите припадници од ЕБР бидејќи по хиерархија било така, треба да бара одобрение од непосредно повисокиот над него за да ја повика својата единица од дома да дојде на работа, притоа појасни дека кога кажал дека барал да ги повика другите колеги мислел на неговите колеги кои биле дома, од дома да ги повика. Наведе дека за да началникот Митко Пешов ги повика неговите колеги од дома морал да бара наредба од непосредно повисокиот над него по хиерархија, јасно му е дека согласно Упатството за златна, сребрена и бронзена команда началникот требал да бара, но ќе потенцира дека началникот нему му е непосреден старешина, негова должност е да постапува согласно наредбите на началникот како и да го информира за сите случувања. За цело време началникот се јавувал на телефон и му давал наредби и насоки по кои тој постапувал. Наведе дека базата на ЕБР се наоѓа во Касарната „Ѓ.П.“ и токму во базата им е целокупната опрема за нивната единица, односно опрема која што е потребна за секој еден припадник на ЕБР да биде во

формација. Истакна дека припадниците на ЕБР кои што дополнително ги повикал по наредба на началникот на ОСПО Пешов пристигнале најбрзо што можеле во Собранието. Кога пристигнал во Собранието пратениците веќе биле извлечени од Прес салата и биле однесени на безбедно место или просторија, односно биле во просторијата која била обезбедена со лисици од страна на неговите колеги. Појасни дека кога пристигнал со дополнителните сили од ОСПО нивна задача и добиена наредба од началникот на ОСПО Пешов била да ја потиснат толпата народ од Собранието и да создадат услови за евакуација на пратениците и другите повредени. Во 20,30 часот имал контактот со помошникот началник С. М., а инаку за целиот тој период имал контакт само со началникот Пешов. Истакна дека носител на активноста за 27.04 било СВР С. до кого било упатено барање за ангажирање на два вода од единиците на ЕБР. Сведокот наведе дека на 27.04. прв пат влегол во просториите на Собранието и наведе дека согласно планот што го имал изготвено ОСПО врзан за денот „Д“, кај што биле опфатени сите единици кои што се во ОСПО, биле на испитување со колегите од СВР С., задача на Единицата за брзо распоредување е воспоставување и спречување на нарушен јавен ред и мир на надворешниот периметар, а колку што се сеќава колегите од Единицата за специјални задачи „Тигар“ биле планирани за евакуација на пратениците. Сведокот истакна дека по однос на тоа што тој го видел при воспоставувањето на нарушениот јавен ред и мир во Собранието имале помош и од други колеги од СВР С., во внатрешниот дел, а надвор сами потиснувале. Наведе дека не знае, не видел и не бил информиран дека во 20,15 часот припадник на УБК од Петтата управа, Оддел за оперативна техника и прикриени операции бил во нивната база во Ѓ. П.. Појасни дека немал информација дека од 20,45 до 21,30 часот во околината на Ч. имало поголемо раздвижување на непознати групи и немало упатување на припадници од единицата во околината на Ч., но пред да излезе на терен по добивањето на наредба телефонски од началникот Пешов добил наредба да упати еден припадник во базата „Брест“ кај безпилотното летало, со задача да стапи во контакт со одговорните таму, за следење на просторот за евентуално движење на маса од правец на Радишани и Кондово, колегата бил упатен, но до завршување на активноста од него биле информирани дека немало никакво движење. Наведе дека не може да каже дали безпилотното летало дрон изведувало на територијата од Б., Ч., Р., К., С., Г., С., тоа можеле да го кажат тие што биле таму, а точно не знае како им е називот и како се викаат, но само може да каже од безпилотното летало. Појасни дека во базата на „Брест“ колку што тој имал информација, знае дека се наоѓа една единица, како се вика точно не знае, дел од хеликоптерската единица на МВР каде што има и безпилотно летало, знае дека таму се припадниците на хеликоптерска, а кој оперира не би можел точно да каже, дали се припадници од јавна или државна безбедност. Согласно хиерархиската поставеност кај нив во Министерството, првично на теренот е командирот на чета З. Г., со доаѓање на помошникот командант В. Н. автоматски повисок старешина и

тој ја превзема командата така да и со неговото доаѓање тој ја превзема командата врз единицата, така и другите команданти со нивните единици. Согласно планот, бронзен командант е одговорниот од СВР С. што бил на терен С. З. и ниту во еден момент не било побарано од нивна страна предавање на командата према посебните единици, колку што знае, а може да каже со оглед на неговото искуство и знаење, по однос на прашањето од тогашното пристигање на дополнителните сили и по наредбите добиени од нивните претпоставени повисоки старешини, тие автоматски мисли дека се бронзени команданти на терен. Со доаѓањето на Началникот Пешов на терен по дифолт, тој е повисок старешина и тој ја превзема улогата на бронзен командант, а бронзен командант на целата активност е З.С. од СВР С.. Појасни дека дека еднаш дадена наредба од непосредно претпоставениот за едно дејствије важи до завршување на дејствието и потреба од нова наредба или одобрување нема. Истакна дека за денот „Д“ плановите и мерките се однесувале на денот на избор на Претседател на Собрание како ден кога по проценка на МВР постоела зголемена опасност од поголемо нарушување на јавниот ред и мир и истиот бил запознат со планот за денот „Д“. Појасни дека согласно планот за денот „Д“ било планирано затварање на периметарот, на поширок периметар околу Собранието, но нигде колку што тој знае, нигде не била предвидена забрана за било каква манифестација во близина на Собранието, имало и наназад кога обезбедувале околу Собрание каде што масата или групата луѓе била сопирана кај Градска болница и кај Порта „М.“. Наведе дека во рамки на МВР има посебна служба за прибирање на информации, а како точно се вика не би можел да каже. Истакна дека тој како командир на специјална единица немал информација дека на 27.04.2017 година ќе се врши избор на Претседател на Собрание.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што истиот е јасен, категоричен и недвосмислен, а воедно е во склад со останатите докази. Истиот даде хронолошки опис на настаните во смисла од кого бил информиран за настанатата состојаб, со кого разговарал, кога разговарал и од кого добивал наредби, а воедно и кому тој давал наредби. Меѓу останатото појасни дека разговарал повеќе пати со обвинетиот Митко Пешов, а откако го информирал дека дел од масата е влезена во Собрание од него добил кратко насока да се упати во базата на ЕБР која се наоѓа во Касарната „Ѓ. П.“, дека за кратко и дека и тој ќе се упател, дека ќе дошле старешините од Единицата за специјални задачи „Тигар“ и колегите од ПЕП од посебната единица, да ги повика заменикот командант од неговата единица, помошникот командант, заменик командат, помошник командант и командири на чета, за да направат координација за пружање на помош на колегите, но не добил одобрение да ги повика и другите колеги. Од ова може да се извлече заклучок дека иако состојбата во Собранието била алармантна од безбедносен аспект не е реагирано благовремено, односно се изгубило значително време. Од неговиот исказ може да се утврди дека дури околу 20,15 часот му се јавил Началникот

Пешов и му издал наредба во најкраток можен период да ги повика колегите и да се упатат према Собрание за да помогнат на колегите кои што биле на терен, а ова е време кога се одвивало насилството врз пратениците, новинарите и службените лица.

Во својот исказ сведокот Г. Ѓ. наведе дека во 2017 година во месец април со решение бил на работно место Началник на Централни полициски служби. Од 01.01.2017 година со решение работното место Началник на Централни полициски служби било укинато, ги извршувал сите тековни задачи од делокругот на Централните полициски служби, но со претходно запознавање и одобрение од претпоставени старешини, а претпоставени старешини тогаш му биле Заменикот на БЈБ, Директорот на Бирото и Министерот. Појасни дека во месец август 2017 година сеуште со решение бил Началник на Централните полициски сили и хиерархиски му бил надреден на Началникот на ОСПО Митко Пешов, при што појасни и дека со измени на Закон за полиција, од 01.01.2017 година работното место Началник на Централни полициски сили било укинато, па целокупната единица во МВР наречена Централни полициски сили била укината и таа не била единица туку биле тројца луѓе. Наведе дека бил запознат со иницијативата за формирање на Оперативен штаб, истата требало да ја потпише помошникот началник на униформирана полиција С. С., кој дошол кај него со намера тој да биде потписник на иницијативата, но тоа не го сторил и инцицијативата на потпис ја дал на директорот бидејќи тој го формирал Иницијативниот штаб, па како таква заминала на потпис кај директорот бидејќи тој го формирал Оперативниот штаб „Платформа“, а директор во тоа време бил Митко Чавков. Наведе дека на почетокот не бил дел од Оперативниот штаб, после извесен временски период не се сеќава точно, на инцијатива од А. Н., тогашниот вршител на должност Министер, неговиот советник Л. В. и помошникот директор на униформирана полиција С. С., донеле тактичка одлука за дополнение на акцијата и од тогаш станал член на Оперативниот штаб кој според него е незаконски. Плановите за постапување на полицијата за секојдневните протести како месно надлежно влегувало и СВР С. и за потреби на дополнителни резервни сили во однос на специјалните единци секојденвно преку кабинетот на директорот упатувале барања за нивните потреби. Ден пред 27 април 2017 година, односно на 26-ти, колку што се сеќава кај него во канцеларија имале состанок со В. Војника, тогашен заменик началник на ЦПС и С. М., помошник началник за полициски работи, по негов предлог бидејќи луѓето кои гравитирале во тогашниот штаб на ЦПС, биле два-тројца, истиот предложил да обврските на ЦПС ги превземе началникот на Сектор, на Оддел за обезбедување, С.Т.. Мислел дека нема никаква пречка за тоа бидејќи Одделот за обезбедување на личности се наоѓале во рамка на централните полциски служби, а протестите за тие два месеци се одвивале без никаков проблем, односно биле мирни и службата во тој момент немала никакви конкретни сознанија дека можно е да дојде до било какво нарушување на јавниот ред и мир. Наведе дека на 27-ми како и сите други претходни денови така и тој ден

значи немало ништо вообичаено во однос на случувањата и протестите кои се одвивале во континуитет кои дотогаш биле без никакви инциденти. На работа останал до 16,30 часот и си заминал во својот дом во село К.. Не се наоѓал во својот дом, бил излезен некаде околу три-четири километри оддалечен од куќата кога некаде пред 19,00 часот му се јавил С. М. и му кажал дека добил сознание дека имало некакво тресење на заштитната ограда пред Собрание, но дека нема никакви проблеми, па му рекол штом нема проблеми, нека тераат службите и нека си постапуваат по стандардите, правилата и процедурата. Веднаш потоа му се јавил и го известил дека пратениците во Собранието пеат химни, на што му одговорил „нека пеат, нивна работа, што можеме ние да правиме“. За да реагира полицијата во Собранието има Деловник на Собрание каде што јасно се утврдени условите под кои полицијата може да влезе внатре. Тоа информирање од страна на М. се случувало во тек, не поминале десеттина минути, истиот се јавил и кажал дека масата што била насобрана пред Собрание влегла во објектот и ги употребил зборовите: „Шефе, влегоа, влегоа“, на што тој го прашал: „Како викам, успеаа да влезат, пред малку ми се јавивте и рековте дека се е в ред“. Информацијата била таа што била, дека масата е влезена во објектот, тоа информирање колку што се сеќава било некаде после 19,00 часот, па веднаш му заѕвонил на Директорот на БЈБ и го брифирал за случувањата и знаејќи дека живее во рурално подрачје каде телефонските линии не се баш најдобри, првиот нивни контакт траел многу кратко, потоа пак се обидел да го добие Директорот и во разговор со него во однос на ситуацијата пред Собранието и во Собранието бидејќи колку што бил информиран и во тек со настаните имало ангажирано сили од СВР С. и од Одделот за специјални полициски операции, заради подобра координација и командување со силите Директорот изјавил дека ќе ги координира. Веднаш потоа се спремил и тргнал према работното место, према Штабот на МВР. Некаде околу 19,30 часот Директорот повторно му се јавил и му издал наредба одредени раководни старешини во однос на Специјалните единици, Одделот за обезбедување да дојдат во штабот. Колку што се сеќава наредбата се однесувала за Одделот за обезбедување, началникот на ОСПО и С.М., кои веќе и претходно од него добиле наредби да се упатат кон штабот, кои старешини потоа дошле во Оперативниот штаб. Во МВР пристигнал негде после 20,00 часот, во меѓувреме остварил контакт со С.М. и Митко Пешов, на истите им рекол да постапуваат по процедури, потоа повторно имал уште едно јавување во однос на нивно собирање во Штабот на МВР од негова страна. Во МВР пристигнал негде после 20,00 часот, пред него тука бил дојден Директорот на Бирото, штабот функционирал, целокупното командување во штабот се одвивал исклучиво преку Директорот на Бирото, сите негови команди кои биле усмерувани према одговорните старешини кои се наоѓале во Собранието и кои ги командувале силите биле пренесувани преку радио врска, но наредбите ги издавал во штабот Директорот. Завршила евакуацијата, спасувањето, луѓето ги однеле во Касарната во Ѓ. П.,

активностите завршиле, со самото транспортирање на пратениците во Касарната „Ѓ. П.“ завршила активноста на полицијата во Собранието. Кога се слушнал со М. и со Пешов и кога им кажал да постапуваат по процедури мислел на луѓе кои се ангажирани на лице место пред Собранието, колку што се сеќава ден пред тоа СВР С. упатило преку кабинетот на Директорот барање за два вода од ЕБР заради обезбедување на протестите. Наведе дека обврската да се повикаат во база во приправност припадиците на посебните и специјалните единици при првото нарушување на јавниот ред и мир  зависи од менаџирањето на состојбата и од проблемот кој може да настане, но главна сила која била одговорна за одржувањето на јавниот ред и мир во однос на протестите бил помошниот штаб на СВР С., кој командувале и менаџирале со целокупното људство вклучувајќи ги и двата вода од ЕБР. Барањата за ангажирање на ОСПО за обезбедување на протестите „За заедничка М.“ што секојдневно ги доставувало СВР С. прво оделе на одобрување во Кабинетот на Директорот на Бирото, па се враќале на потпис, односно за постапување и истите тој ги потпишувал бидејќи сеуште на формуларот стоело неговото име.  Наведе тактичката одлука која ја донел тогашниот Заменик министер А. Н., Л. В., тогашниот советник на Министерот и Помошник директорот за унформирана полиција С. С., била незаконска, па го постави прашањето врз основа на кој законски акт може да се стави човек согласно Упатството за златна, сребрена и бронзена команда да биде носител на сребрената команда кога е укинат по закон и за сите одлуки кои треба да ги донесе треба да бара одобрување од претпоставен старешина и не знае дали е појако по сила закон или упатство. Тој дека не се сеќава дали согласно измените на Закон за полиција во рамки на МВР имало нова систематизација, но знае дека кога го укинале како началник на ЦПС со закон го укинале некаде кон крајот на март, односно по постоечката систематизација, односно го избришале работното место и Заменикот министер А.Н. непосредно во текот на месец март повел иницијатива за негово преместување на друго работно место бидејќи не постоел во систематизација на МВР, а исто така во сите комисии каде што бил претседател или член во текот на месец март и април МВР го избришале и го смениле со други членови, па кога прашал во Правната служба зошто е тоа така му рекле бидејќи тој не постои во систематизација и не може да биде на такви позиции. Воедно појасни дека на ден 27.04.2017 година немал комуникација со Министерот А.Н., за кого кажа дека дошол во штабот и издавал наредби, но него не му издал наредба, а за тој ден за активностите во Оперативниот штаб на оперативната акција „Платформа“ се водел записник во штабот и дека сите активности кои биле превземени од страна на штабот биле евидентирани. Не се сеќава дали критичната вечер имал комуникација со обвинетиот Душко Лазаров. За настаните од 27.04.2017 година истакна дека тоа било нарушен јавен ред и мир пред Собранието. Нагласи дека тој не работи во МВР од 29 декември 2017 година, а не знае ни сам зошто повеќе не работи во МВР, но дека работниот однос му престанал со отказ. Имено против него била водена дисциплинска постапка во рамки на МВР,

а истата се однесувала на тоа дека не донел дополнителни сили на денот на случувањата на 27-ми април. Појасни дека во врска со дополнителните фамозни сили ниту СВР С., како носители на помошниот штаб, ниту пак некој друг старешина побарал и наредил да донесе дополнителни сили пред Собрание, ниту пак согласно закон без одобрение од негов претпоставен старешина тоа го може, но не оспори дека кога имало закажано состаноци во Оперативниот штаб од страна на Директорот присуствувал. Наведе дека апсолутно смета дека се она што не е законски не треба да се прави. Појасни дека кога претходно кажал дека имало барања што ги доставувал секој ден СВР С. и истите оделе на одобрување во Кабинетот на Директорот на Бирото па се враќале на потпис за постапување и истите тој како Началник на ЦПС ги потпишувал бидејќи се уште на формуларот стоело неговото име бидејќи тие акти веќе биле одобрени од Директорот на Бирото, само формално правно биле проследувани преку него до последниот извршител, ОСПО. Наведе дека како висок полициски службеник смета дека на ден 27.04.2017 година пред Собранието на РМ немало доволен број на полициски службеници, но дека таа проценка ја прави СВР С., значи СВР С. на дневна основа изготвувале планови за обезбедување на настан, со сопствени сили и со барање за дополнителни сили, тие не се мешале во таа проценка.

Од исказот на овој сведок судот утврди дека истиот во месец август 2017 година сеуште со решение бил Началник на Централните полициски сили, а хиерархиски му бил надреден на Началникот на ОСПО Митко Пешов. Истиот бил член на Оперативниот штаб кој според него е незаконски. Истакна дека како висок полициски службеник смета дека на ден 27.04.2017 година пред Собранието на РМ немало доволен број на полициски службеници, а ова е во склад со останатите докази. Меѓутоа токму тука судот мора да нагласи дека овој висок полициски службеник крајно неодговорно, ноншалатно се однесува при првите сознанија дека ситуацијата пред Собранието е тензична, а во Собранието се пееле химни.

Сведокот С. Т. во својот исказ наведе во април 2017 година бил на работно место Началник на Секторот за обезбедување на личности при Одделот за заштита на определени личности  и објекти при МВР. На 27 април 2017 година при пристигнувањето на негоовото работно место, односно во утринските часови бил одржан работен состанок, односно брифинг помеѓу нив началниците од Одделот на определени личности и обејкти, односно во просторијата на Началникот Оливер Поповски, во тој момент Началник на Секторот за превентивно обезбедување при што во тој момент, односно на тој датум го менувал Началникот на Одделот за заштита на определени личности и објекти, Началникот Т. С.. На тој сабајлешен брифинг бил известен од страна на Началникот Поповски дека до тој ден како претставници од Одделот за заштита на определени личности и објекти во Оперативниот штаб „Платформа“, поточно во оперативниот тим покривањето, односно присуството на полициски претставник од одделот

бил од Секторот за превентива, а тој ден требало во оперативниот тим да има претставник од Секторот за обезбедување на личности и му посочил тој да биде тој ден, односно тој да биде тој ден член на оперативниот тим при Оперативниот штаб формиран по однос на протестите „За заедничка М.“. Вообичаено како и претходните денови кога се покривале со присуство во делот на оперативниот тим во Оперативниот штаб, започнувањето на работата со тој штаб било во 16:30 часот, локациски сместен во зградата на Гранична полиција во кругот на МВР. При крајот на работниот ден, односно околу 16:00 часот се упатил во Оперативниот штаб како член на оперативниот тим каде што пристигнал околу 16:25 минути. Штабот започнал со работа во 16:30 часот и присутни во тој момент на таа дата во Оперативниот штаб вклучително и во оперативниот тим биле лицата: како член на Оперативниот штаб бил Началникот Душко Лазов, Началник на секторот од Одделот за униформирана полиција како претставници во оперативниот тим бил тој, С. Т., претставник од Одделот за К.. полиција С. Т., претставници од Одделот за униформирана полиција, двајца полициски службеници, едниот од нив бил Т., за презимето не може да се сети, другиот претставник од Одделот на униформирана полиција како член на оперативниот тим бил Ѓ., на кој исто така презимето не му го знае и некоја колешка претставник од Одделот за криминалистичко разузнавачка анализа која што била задолжена за водење на записникот. Како и сите претходни денови така и тој при отпочнување на работа во штабот секој од нив брифирирал како претставници од организациските единици вклучени во опративниот тим, брифирале во однос на тоа дали тие располагаат со сознанија за нарушување, односно за нарушување на јавниот ред и мир, односно секоја организациска единица се произнесувала по тоа прашање. Тој по однос на тоа прашање како претставник на Одделот за заштита на определени личности и објекти не располагал со сознанија кои би довеле до нарушување на јавниот ред и мир по однос на протестите. По неговото изнесување веднаш стапил во контакт со одговорните полициски службеници, тој контакт бил по телефонски пат од неговиот службен телефон. Прво стапил во контакт со Началникот Д. К. од Секторот за обезбедување на објекти од државен интерес, кој што во тој момент бил задолжен за обезбедување на објектот на Владата на РМ. Напомена дека од Началникот Д. К. бил известен дека тој ден тој како началник го менувал Началникот О.И., Началникот на Сектор за обезбедување на објекти од државен интерес, кој што тој ден користел слободен ден. Во самиот разговор го прашал каква е состојбата пред објектот на Владата на РМ и добил одговор дека состојбата е редовна. По стапувањето во контакт со началникот Д. К. веднаш се јавил кај началникот А. Ј. задолжен за обезбедувањето на објектот на Собранието на РМ воедно и началник на Одделението за внатрешно обезбедување на Собранието на РМ. Исто така и од него побарал информација да биде известен каква е состојбата во и околу Собранието на РМ. Од негова страна бил известен дека состојбата е редовна и дека во моментот во Собранието на РМ се одржувала седница и истата течела

без никакви проблеми. Наведе дека тоа било на почетокот, односно при започнувањето со работа на оперативниот тим, односно Оперативниот штаб. Присуствувајќи како член на оперативниот тим бил во постојана телефонска комуникација преку неговиот службен телефонски број како со Началникот Д. К., така и со Началникот А. Ј.. Околу 17,00 часот бил известен од Началаникот Д. К. задолжен за обезбедување на објектот на Владата на РМ тој ден одговорен за обезбедување, дека имаат собирање на одредена група на луѓе од протестите „За заедничка М.“. До тој момент на известувањето немало никакви проблеми. По собирањето на масата и по нејзиното кратко задржување пред Владата на РМ бил известен од началникот Д. К. дека протестантите се упатиле од Влада на РМ спрема Собранието на РМ. Исто така од негова страна бил известен дека за време на протестот пред Владата поминало без никакви проблеми. Подоцна, кога масата веќе пристигнала, односно протестантите од протестите „За заедничка М.“ дошле пред објектот на Собранието на РМ добил известување од Началникот А. Ј. дека протестантите се пред Собранието на РМ и дека тој како Началник на Одделението за обезбедување на Собранието на РМ веќе во тој момент има воспоставено комуникација и координација со полицискиот службеник С. од Секторот за внатрешни работи С., задолжен за обезбедување на надворешниот периметар на Собранието на РМ. Напомена дека за цело време додека ги добивал тие известувања од двајцата началници, постојано е присутен во оперативниот тим при Оперативниот штаб во оперативната акција „Платформа“. Во временскиот период околу 17:50 минути добил известување од Началникот А. Ј. кој што во тој момент се наоѓал во внатрешниот дел на Собранието на РМ дека самата седница што се одржува во Собранието на РМ станувала проблематична од причина што во тој момент од страна на пратениците кои биле дел од парламентот се пееле македонската химна и албанската химна, известил дека самата ситуација станувала тензична, дека масата народ исто напред пред објектот на Собранието станувала тензична и упатил барање кон него за евакуација. Истото тоа барање добиено од А. Ј. тој веднаш го проследил до членот на Оперативниот штаб Началникот Душко Лазаров, го известил за неговото барање, дека била побарана евакуација и во тој момент од страна на Началникот Душко Лазаров била крената раката спрема него во смисла да почека. За кратко време, за две до три минути во тој временски интервал исто така напомена дека повторно А. Ј. барал од него да се достави до него известување дека ситуацијата станала премногу тензична внатре во самата Пленарна сала каде што се одржувала пленарната седница. Во истото известување било проследено дека по пеењето на химните Претседателот на Собранието на РМ ја прекинал седницата и по прекинот на самата седница, тоа било се во форма како што добивал следствено известување од Ј., дека пратениците не ја напуштале Пленарната сала, истите се упатиле спрема говорницата, односно ја опколиле, како и потегот околу делот каде што се наоѓало седиштето на Претседателот на Собранието на РМ, точна локација во Пленарната

седница. Во тој момент поради пеењето на химната на А. дошло во време на тензичност со тресење на оградите, наведе дека зборува сега за надворешниот периметар и повторно добил барање од Началникот Ј. да се издаде наредба за евакуација на пратениците. Таа наредба, тоа барање за наредба тој веднаш го проследил до претставникот, членот на Оперативниот штаб, Началникот Душко Лазаров. Во тој момент исто така при самото проследување на тоа барање добил повратен одговор од страна на Началникот Душко Лазаров, да од страна на Началникот А. Ј. бидат обезбедени, односно затворени и обезбедени вратите на Собранието на РМ. Исто така напомена дека за целокупната таа ситуација од негова страна исто така телефонски бил известен и Началникот Оливер Поповски кој што во тој период, односно тој ден го заменувал Началникот на Одделот за заштита на определени личности и објекти. Го известил за ситуацијата и од страна на Началникот Оливер Поповски добил повратен одговор: „Добро Саше, знам, одам натаму". Во тој краток временски интервал имало зголемување на агресивноста на масата која што се обидувала да ја урне заштитната ограда, имало пробивање на заштитната ограда и веќе демонстрантите биле во кругот, во пределот пред Собранието на РМ, односно пред неговите предни врати на главниот влез. Исто така, во тој момент барал повторна евакуација од Началникот А. Ј. во тој временски интервал, исто така добил известување дека останатите пратеници што останале во Пленарната сала пристапиле кон избор на Претседател на Собранието, обраќајќи му се со зборовите: „Овие избираат Претседател!". По тој настан добил известување исто така од Началникот Ј. дека пратениците кои што се наоѓале во Пленарната сала се упатиле спрема сала 3 во Собранието на РМ, односно Прес центарот. Наведе дека сеуште до тој момент чекал наредба и додека ја чекал се јавил кај Началникот Д. К. кој што во тој момент го заменувал началникот О. И., Началник на Секторот за обезбедување на објекти од државен интерес веднаш да собере колеги, односно полициски службеници и да се упати спрема Собранието на РМ, нагласи да собере полициски службеници од Секторот за обезбедување на објекти од државен интерес, да се упати спрема Собранието, да стапи во контакт со А. Ј., да се искординираат и да добие задачи од кој што ќе биде побарано. После тоа добил известувања од Началникот Ј. дека имаат насилен упад во Собранието на РМ и дека масата од демонстранти е влезена во внатрешниот дел на Собранието на РМ. За сето тоа што се случувало тие како оперативен тим при Оперативниот штаб биле запознати и преку телевизорот кој што во тој момент се наоѓал во просторијата каде што бил Оперативниот штаб. Во тој дел кога веќе масата од демонстранти се обидувала да влезе во внатрешниот дел тој сеуште немал наредба повратно што да направи. Наведе дека гледајќи дека ситуацијата станува се потензична, покрај силите кои што ги обезбедил преку Началникот Д.К. од Секторот за обезбедување на објекти од државен интерес, му се јавил и на главниот инспектор М. Ц. од Секторот за обезбедување на личности кој што според описот на работното место согласно систематизацијата го

заменувал во негово отсуство. Од негова страна на М. Ц. кој што во тој момент полициските службеници од Секторот за обезбедување на личности биле во своите живеалишта, му наредил веднаш да се јави на сите началници што биле на одделенијата во објектот на Одделот за заштита на личности и објекти да се мобилизираат, да се екипираат веднаш, да се упатат спрема просториите на Одделот за заштита на определени личности и објекти и заедно со нив веднаш да се упатат спрема Собранието на РМ и тоа било некаде околу 18:30, кога сеуште немале влез на масата демонстранти во Собранието. Околу 18:40 до 18:50 добил известување од А. Ј. дека масата е влезена во внатрешниот дел на Собранието на РМ и дека истата е насилна и агресивна како спрема пратениците така и спрема полициските службеници. Во тој момент повторно се обратил до присутниот член на Оперативниот штаб, Началникот Душко Лазаров од кој што побарал повторно евакуација, од негова страна било вратено, да се обезбедат локациите каде што се наоѓаат пратениците во внатрешниот дел на Собранието и во тој момент да се држат со постоечките расположиви сили. Во целиот тој временски интервал кога имале влез на масата демонстранти во внатрешниот дел на Собранието на РМ во континуитет бил во контакт со Началникот А. Ј., а целокупната комуникација се одвивала преку неговиот службен телефонски број и за цело време се барала евакуација, известил спрема штабот дека толпата е насилна и агресивна и цело време повратниот одговор кон него бил да се држат и штитат позициите со локациите каде што биле пратениците со тие сили. Подоцна, наведе дека за неговиот настап, односно за целокупниот тој временски интервал, тој временски период додека биле упатувани неговите барања проследени од Началникот Ј. спрема Началникот Душко Лазаров, во еден момент од негова страна бил така да каже искаран, истиот му рекол: „Ти ќе го спуштиш телефонот и ќе слушаш јас што ќе ти кажам!“, потоа од негова страна станувајќи од делот на масата каде што седеле како претставници на оперативниот тим се упатил на главната маса, масата резервирана за членовите на Оперативниот штаб, поточно се упатил кон Началникот Душко Лазаров да му се извини од негово име доколку мисли дека на некој начин ја повредил хиерархијата. Напомена дека во континуитет бил известуван за случувањата во внатрешниот дел на Собранието на РМ од страна на Началникот А. Ј. се до моментот кога истиот му се јавил и го известил дека е повреден пред сала 3 и дека не ќе може да биде повеќе во комуникација со него. Наведе дека сите тие известувања се до тој момент ги добивал од А. Ј. Од тој момент па се до завршувањето, односно евакуирањето на пратениците неговата комуникација била со Началникот Д. К., како и со главниот инспектор М. Ц., ова го зборува за понатамошниот временски период од моментот кога А. Ј. бил повреден, па се до моментот кога пратениците биле евакуирани од објектот на Собранието на РМ. Истакна дека за цело време бил присутен во просторијата на Оперативниот штаб и некаде околу 19:20 часот во Оперативниот штаб во просториите пристигнал тогашниот Министер за внатрешни работи Н., кој

што при самиот влез, во самата просторија се упатил спрема Началникот Душко Лазаров и му се обратил со зборовите: „Вие знаете ли дека во Собранието се тепаат пратеници“, „Вие знаете ли каква е ситуацијата во Собранието“, „Што правите“, „Ова ли е штаб“ на што во тој момент од негова страна било побарано: „Ајде, викајте ги специјалните сили, барајте ги специјалните сили“, но од страна на Началникот Душко Лазаров не бил даден одговор. Министерот повторно викал: „Ангажирајте специјални сили!“ а одговорот од Душко повратно, зборовите што ги слушнал вратени спрема министерот биле „Ќе биде, ќе биде!“. Во временскиот период околу 19:40, тој се обидувал тимот што бил во Секторот за обезбедување на личности кој што во тој момент бил по негова наредба ангажиран и раководен од главниот инспектор М. Ц. по секоја цена да се пробијат и да се упатат спрема сала 3 каде што ќе пружат помош на останатите колеги. Претходно таму веќе бил Д. К. и по повредата на началникот Ј. и него му рекол да се упатат спрема сала 3. Во временскиот период околу 20,00 часот во просториите на Оперативниот штаб пристигнал и директорот на БЈБ, заедно со него за кратко време пристигнале и Помошник началникот на Централните полициски службеници, началникот на Централните полициски сили, началникот на Одделот за К.. полиција М. и во тој момент веднаш од страна на Директорот на БЈБ се пристапило кон превземање на мерки и активности за безбедна евакуација на пратениците. Од тоа што тој како присутен во таа просторија забележал дека целокупната наредба, односно сите понатамошни наредби ги проследувал тогашниот директор на БЈБ преку давање задачи на Помошник началникот на Централните полициски сили. Од страна на Директорот при превземањето на мерките за евакуација до него било побарано со зборовите: „Саше, да видиш ти со твоите колеги, со своите полициски службеници кои што веќе се наоѓаат во Собранието да се превземат мерки за пронаоѓање, обезбедување и да се проверат сите канцеларии, сите простории во Собранието каде што би можело да има некој од останатите пратеници“. По евакуирањето на пратениците била дадена задача, тоа било некаде околу 23:30 часот да ги повлечат полициските службеници од тие што биле надвор од ангажираните додека во Собранието да си останат полициски службеници кои биле задолжени за негово понатамошно обезбедување. По завршувањето на ситуацијата Директорот на БЈБ, ја напуштил просторијата додека во истата останале тие, останатите присутни кои што дошле како со Директорот, така и со Министерот. По краток временски период, сеуште го немал напуштено Оперативниот штаб, добил телефонски повик од Директорот на БЈБ, одговорил на повикот, му било кажано од негова страна: „Саше ќе дојде по тебе, испраќам возач да те земе по име С. и да те донесе кај мене“. За неколку минути пристигнало возило, било марка „Џип“ се качил и од страна на возачот бил однесен на средба со Директорот на БЈБ кој што во тој момент го чекал во подрумските простории на катната гаража „Тодор Александров“. Од негова страна бил прашан кој ја водел операцијата во Собранието и кој бил задолжен и дали има повредени. Одговорил дека задолжен бил

началникот А. Ј., дека истиот е повреден, дека понатаму обезбедувањето по неговата повреда го превземал Д. К., на што истиот му рекол „Не го знам, добро С. може да одиш“. По тој разговор веднаш од страна на возачот бил вратен во просториите на Оперативниот штаб. Потенцира дека целокупната негова активност како член на Оперативниот тим при Оперативниот штаб била извршувана врз основа на усна наредба од неговите непосредни старешини, Началникот на Одделот за заштита на определени личности и објекти, Т. С. и Помошник началникот на Одделот за заштита на определени личности и објекти, Г. М.. Од страна на неговите претпоставени старешини му било кажано дека оперативниот тим е само помошно тело на Оперативниот штаб, а Оперативниот штаб бил тој што ги следи состојбите, прави проценки и дава насоки за дејствување и тие насоки доколку по проценка на штабот имало потреба ќе ги проследат до оперативниот тим за нивно понатамошно постапување. Појасни дека по пристигнувањето на тогашниот Директор на БЈБ во просторијата на оперативниот штаб имал средба, односно се состанале со Министерот Н., биле седнати еден до друг, нешто разговарале, меѓутоа од сето тоа само што успеал да слушне и да види меѓу очи било како Директорот на БЈБ удрил на масата и му се обратил на Министерот: „Па вие сега ли најдовте да бирате претседател!“. Наведе дека во целиот тој период барал евакуација затоа што Ј. барал од него дури и во времето кога во Собранието немало луѓе кои влегле од надвор, при што истакна дека за целокупното известување што го добивал тој од началникот Ј. го проследувал до Оперативниот штаб, односно до членот на Оперативниот штаб заради известување и нивна понатамошна постапка. Сведокот појасни дека како припадник на Одделот за заштита на определени личности и објекти во проследеното барање на Ј. за потреба на сили и за евакуација проследена до Оперативниот штаб, поточно до членот Душко Лазаров и по недобивањето на понатамошни мерки, а со оглед на тоа дека известувањето од терен било дека ситуацијата е тензична, а тој и претходно додека зборувал за ангажман напомнал дека ангажманот на полициските службеници бил ангажиран од негова страна согласно Правилата во Одделот за заштита на определени личности и објекти, не случајно се обратил во тој момент до началникот Д. К., односно за ангажман на полициски службеници од Секторот за обезбедување на објекти од државен интерес кои што согласно природата на нивните задачи и во описот на нивните задачи било обезбедување на објекти од државен интерес, тие биле полициски службеници кои што согласно Правилата на службата се облечени во работни костими, односно костими соодветни за внатрешно обезбедување со беџови, па затоа пристапил прво кон нивно ангажирање затоа што ситуацијата била тензична, па дури отпосле му се јавувил на М. Ц. главниот инспектор од Секторот за личности кој што по природата на работата имал задачи за обезбедување, односно тој чекајќи повратно на тоа барање за дополнителни сили ангажирал сили, меѓутоа од Секторот за обезбедување на објекти од државен интерес. Истакна тој дека не може да нареди евакуација бидејќи

за тоа била потребна одлука од Опративниот штаб затоа што таа била една активност која што сублимирала постапување, односно вклучување на тие мерки на поголем број организациски единци во рамките на МВР. Појасни дека постојано барал евакуација и дека при тоа чекање на одговор за евакуација Душко Лазаров првиот пат му рекол да ги обезбеди вратите, да му пренесе на Ј. да ги обезбеди вратите, а вториот пат кога повторно исконтактирал добил одговор, односно наредба да му пренесе на Ј. да се држат просториите во кои што се наоѓале пратениците во салата 3, била добиена таква наредба и истата веднаш била проследена до началникот А. Ј.. Наведе дека тие две наредби биле дадени од началникот Душко Лазаров за обезбедување на вратите и за обезбедување на локациите каде што се наоѓале пратениците, но чекал наредба за превземање на мерки за евакуација на пратениците од објектот на Собранието на РМ, активност, односно превземање на мерки и активности кои што барале вклучување и на други организациски единици во МВР. Наведе дека бил информиран за објектот кој што бил под заштита на Началникот на Одделниетo за обезбедување на Собранието, а за се што се случувало во Собранието, целокупните известувања, барања првично од страна на началникот на Одделот на Одделениетo за обезбедување на Собранието, а подоцна и од началникот Д. К. по повредата на колегата Јанковиќ, како и од главниот инспектор М. Ц., до моментот на евакуацијата сите нивни известувања биле благовремено спроведени до Оперативниот штаб.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што истиот е јасен, категорричен, недвосмислен и во склад со останатите докази. Истиот даде целосен хронолошки опис на настаните и на се она што се случувало во просториите на Оперативниот штаб. Тој на јасен начин појасни кога и колку пати го проследил барањето на Началникот А. Ј. за евакуација до обвинетиот Душко Лазаров кој најнапред само ја кренал раката спрема него во смисла да почека иако истиот бил известен дека ситуација станувала тензична, дека масата народ напред пред објектот на Собранието станувала тензична, а потоа имало и влез на толпа народ во Собранието, а вториот пат исто така од страна на обвинетиот Душко Лазаров не му била дадена наредба за евакуација, туку му било кажано да се обезбедат локациите каде се наоѓале пратениците и во тој момент да се држат со постоечките расположливи сили. Од исказот на овој сведок јасно произлезе дека барање за евакуација било истакнато повеќе пати. Воедно од неговиот исказ се гледа и однесувањето на обвинетиот Душко Лазаров спрема тогашниот министер А. Н. кој кога барал да бидат ангажирани специјалните единици наместо да постапи по тоа истиот едноставно му одговорил „ќе биде, ќе биде“, непревземајќи ништо. Од неговиот исказ јасно можеше да се види однесувањето на обвинетите Душко Лазаров и  Митко Чавков, а воедно и фактот дека тогашниот Министер  А. Н. барал од обвинетиот Душко Лазаров да бидат повикани специјалните сили.

Сведокот Л. С. во својот исказ наведе дека е вработен во МВР на работно место Единица за брзо распоредување. На 27-ми април бил на работа втора смена, од 14:00 до 22:00 часот, а на работа отишол во 14:00 часот. По пристигнување на работа се спремале за физички активности како и секојдневно, правеле спорт прво, потоа ручале и се спремале за излегување на терен. Околу 17:00 часот се спремале, излегле со возила со другите колеги и пристигнале позади Собранието, се паркирале како и секогаш таму, му кажале дека имало некој протест и по пристигнувањето околу 17:30 часот од страна на одговорниот им било кажано да стават заштитна опрема на нив и да бидат спремни за поставување пред Собранието ако има потреба. По одвивањето на протестот масата што протестирала почнала да биде малку поагресивна и на нив им било укажано да излезат пред Собранието по групи, односно секоја група броела по пет души, четворица полицајци и еден одговорен. Тие биле пет групи, односно биле 25 души од нивната единица на работа тој ден. Се поставиле пред Собранието, масата почнала да ја скока оградата и да биде поагресивна и го пробила првиот кордон кој што бил од полицијата, од плавата полиција и тргнала кон Собранието. Тие, мисли на оние пет групи што биле се разделиле тогаш, излегле и тргнале кај северниот влез, главниот влез во Собранието што бил каде што и тој бил меѓу тие две групи, тргнале за да го заштитат главниот влез од Собранието. Но, масата била побрза и поблиску до вратата и стигнала пред нив до влезната врата од Собранието и нив ги фатиле покрај ѕидот од Собранието пред да стигнат до главниот влез, ги притиснале таму и ги блокирале, а имало многу луѓе од масата протестанти. Таму се мачеле 15-20 минути за да стигнат до главната врата, но не можеле затоа што имало многу народ и народот што бил до вратата виделе како мава по истата, удирале со клоци и сакале да ја скршат или да ја отворат сигурно затоа што тоа се гледало, дека вратата била тешка и не можеле да ја пробијат толку лесно. По едно време виделе дека вратите се отвориле и масата почнала да влегува внатре, како што влегувала и тие се ослободиле и заедно со масата влегле внатре, тие што биле, тие десет души. Влегле внатре во Собранието, се поставиле на скалите на самиот влез во Собранието и сакале да ги стопираат луѓето за да не влезат понатаму, но едно време од луѓето што биле внатре, од протестантите се слушнало како викат дека иделе маски, маски иделе, маските така во множина, нив им било чудно некако и не знаеле што е работата, но по некое време виделе дека доаѓаат луѓе со маски кон Собранието и влегуваат низ главната врата од Собранието. Тогаш сфатиле дека за тие се зборувало, за тие луѓе со маски фантомки. Тие се поставиле на скалите и сакале да ги спречат, некој од нив викале „колеги сме не не чепкајте“, биле агресивни многу, тие колку што можеле да ги сопрат, ги сопреле, но и тие биле развиени, се гледало по кратки ракави биле со маички, тетовирани и некои успеале и да им избегаат во кордонот и се качиле горе на првиот спрат и кружеле горе како да не знаат кај да движат. Сведокот наведе дека после позади нив од ходникот горе дошол некој човек, со маска бил и тој, со фантомка и им

викал од горе на масата што била „дојдете по мене, сала број 3“ таму биле „пратениците и предавниците“, со тие зборови и тие тогаш сфатиле кај се пратениците и во која сала, порано не знаеле, немале информации за такво нешто. Тој викал два, три пати по масата, но масата како да не го слушала, после ја кренал фантомката еднаш, двапати за да го видат кој е, што е и после тргнале по него неколку души, заедно со нив, односно позади нив, тргнала и една група од полицијата што била внатре за да видат кај е сала број 3, што имало таму, што се случувало. Сведокот наведе дека кога пристигнале таму пред салата виделе дека внатре има луѓе и со фантомки , со маски и без маски, имало препреки на самата врата и не дозволувале да навлезат внатре. Пред да стигнат тие таму имало од претходните колеги, имало и таму полицајци што сакале да влезат, но не ги пуштиле. Тогаш видел дека има и од колеги и од ЕСЗ „Тигар“, биле поставени по скалите доле, пред салата број 3, но тие биле формациско вооружување борбено, не биле за јавен ред и мир. Наведе дека тогаш пробале да влезат внатре еднаш, не им дозволиле, ги удриле со столици што биле внатре и некои тврди предмети, тогаш позади нив бил помошникот и на врска му наредиле на него, после значи околу 20:40 било, му се наредило да се употребат средства за присилба, шок бомби, за да се влезе внатре во салата. Потоа, барале шок бомби од колегите, со нив што биле, но нивната единица немала такво нешто. Тогаш колега од ЕСЗ лично него му понудил две шок бомби кои тој ги земал и ги фрлиле во масата внатре што била после вратата во салата. Со првата експлозија не можеле да влезат, кога ја фрлил втората шок бомба тогаш успеале да влезат кај што при влегувањето внатре бил удрен во главата на десната аркада, со тврд предмет бил удрен и осетил топлина на лицето, после се фатил на лицето и видел дека имал крв.Тие продолжиле, го чистеле просторот внатре од луѓето што биле и од десната страна тогаш првпат ги видел пратениците што биле во Собранието, во еден ќош. После него го земале двајца колеги и го пратиле кај медицинските сестри што биле надвор и му пружиле прва помош. После тоа продолжиле со чистење на другите простории што биле, групирање на пратениците и ги извлекле полека во подрумот на Собранието доле, ги качиле во возила и ги тргнале од Собранието. После тоа, околу 12 часот, исто и тој се упатил во Градска болница каде што му ја шиеле главата и имал конци, после тоа се вратиле во базата на ЕБР во Ѓ., напишале службени белешки што се случувало, како се случувало и се, после тоа ги ослободиле и си отишле дома. Појасни дека тие таму биле со лично вооружување, односно со пиштоли. Кога одат за јавен ред и мир вооружувањето, формациското, односно пушката и панцирот ги оставале во возило, а на нив имале само заштитна опрема томфа, заштитен елек и штитници за нозе и хемичар, но тој ден немало хемичар.

Судот во целост поклони верба на исказот на сведокот кој даде целосен хронолошки опис на настаните откако дошол пред Собранието, а тоа било 17:30 часот па се до завршување на  настаните. Меѓу останатото тој истакна дека помеѓу маскираните лица имало и припадници на полицијата

со оглед дека самите така се претставиле на скалите. Воедно истакна дека биле употребени и шок бомби со цел да се разбие масата и да може да се евакуираат повредените, а меѓу лицата кои биле повредени бил и тој. Неговиот исказ е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите докази.

Сведокот Н. В. во својот исказ наведе дека не се сеќава кој датум било кога започнале протестите од „За Заедничка М.“. Тој повеќе пати одел на тие протести по барање или разговор со еден негов роднина кој што едноставно му кажувал што се случува на тие протести иако не бил добро запознат и исто така со одредени лица како што ги знае, функционери на партијата ВМРО ДПМНЕ, едниот е бивши Министер на тогашната Влада, господин О. А. и лице по име Љ., бивши функционер во МВР. Наведе дека протестите претежно биле мирни, приметил само една отстапка, тоа било средба, но каква средба судот ќе оцени, помеѓу господин со брада и црна коса во еден ќош спроти Владата на РМ кој разговарал со господинот О. А., па слушнал и видел дека станува некоја расправија со зборовите „не е проблем, продолжете вие како сакате, но јас ќе ја известам јавноста за вашите средби со некои си девојки“ бидејќи имал снимки. Истакна дека одел на дел од протестите „За заедничка М.“ и бил дел од протестот на 27-ми април. Имено на 27 април 2017 година бил на контрола во Клиничкиот центар бидејќи претходно имал операција, дошол на зборното место, а тоа било Владата на РМ, имало народ како и секогаш, го побарал на телефон Д., во еден ќош кај Владата давал интервју за некоја телевизија, откога завршил со интервјуто се виделе при што истиот му кажал дека имал некоја работа, ќе оди. После тоа како и останатата маса на народ се упатиле спрема Собранието на Република М., таму како и секогаш се држеле говори, имало булдожери со корпи отворени, паркирани спрема Собранието на РМ и во еден момент народот прател на своите мобилни телефони дека во Собранието на РМ на некој начин се избира Т. Џ. за Претседател на Собранието. Кај народот владеел голем револт содржан во навредливи зборови, пцовки и слично. Бидејќи имал болки од операцијата, тој се упатил спрема неговото возило кое било паркирано во близина на Црквата „Св. Димитрија“, на паркингот кај „Камениот мост“ и како што се движел по патот на неговиот телефон, не се сеќава кој број бил да каже, пристигнал повик од господинот Љ. А., Пратеник во Собранието на РМ кој што го познавал и претходно преку неговата братучетка, вработена кај него во Липковоската болница, барал некое лице, сигурно не го барал него и истиот ги упатил зборовите „каде сте, што правите, ајде влегувајте“, а тој телефонски повик бил утврден и во листинзите. Следувал уште еден повик од Д., односно тој на претходниот повик не се вратил назад, продолжил повторно да оди спрема неговото возило бидејќи имал договорено да се види со неговата девојка, следувал уште еден повик од Д. кој му рекол „абе брат кај си овие влегоа внатре“. Тој на тоа почнал полека да се движи спрема Собранието, кога стигнал пред Собранието видел паднати огради, отворени врати, имало полиција пред Собранието, народот слободно влегувал внатре, не

бил сопрен од полицијата, тој се упатил спрема толпата, како што се движела толпата така и тој се упатил спрема Пленарната сала, гледал на телевизија, односно кај што се одржувале седниците на Собранието. Во таа сала имало премногу луѓе кои биле качени на бирото на Претседателот на Собранието, пееле песни, химни и слично. Во еден момент го приметил господинот Сашо Василевски, тогашен и сегашен Пратеник во Собранието на РМ кој што како што наведе и претходно го познавал преку неговата братучетка и господинот А., како доктор интернист во охридската болница и го прашал што се случува, но тој му рекол „оди, те вика господинот А.“.  Пришол спрема господинот А., го прашал „што е ова, ова е хаос како да излезам надвор, од каде е излезот“, не слушнал некаков одговор, само му покажал некој правец. Наведе дека првпат влегува во тоа Собрание, имало лица со радио врски, оружје, значки, а колку што ги познава тие лица биле дел од обезбедувањето на тогашниот, бившиот Премиер, Н. Г., имало маскирани лица заедно со нив, исто со значки на нив, кои едноставно го трасирале патот до некоја од салите. Имало лица со значки на УБК, значките ги носеле закачени на своето тело во делот на градниот кош, па бидејќи амблемот на УБК го препознал по тоа заклучил дека се припадници на УБК, добро ги препознава значките и знае што имало на нив, го познава амблемот, меч имале. Стигнал пред една просторија кај што стоел човек со оружје пред неа бидејќи тој го познавал од претходно како лице од Шестатта управа на МВР, не знае точно, но после дознал дека е лице од обезбедувањето на Министерот О. С.. Наведе дека народот почнал да беснее, имало лица со фантомки, на почетокот немало толку лица, имало неколку кои што се обиделе со одредени лица од МВР да ги вратат назад, но не успеале бидејќи масата на луѓе се зголемила. Тој во еден момент отишол во еден од ходниците од каде што по некое време се вратил назад, вратата била пробиена, толпата на народ била влезена внатре во салата за прес конференција, односно се движел цело време лево-десно мислејќи и во разговор со лицата од Шестата управа на РМ меѓу кои бил, ги познавал повеќе бидејќи имал објект во М. - викендица, повеќе биле од МВР, ги познавал и претходно. Разговарал со господинот Т. М., кој порано бил командант на Специјалната единица „Тигар“, се знаел исто со него од М. бидејќи доаѓал на припреми во М., како да им помогнат на обезбедувањето и на луѓето, искрено рекол „не знам во оваа атмосфера како да им се помогне, не се знае ни кој јаде ни кој пие“. Сведокот наведе дека во еден момент повторно излегол од просторијата, се упатил по ходникот и го видел тогашниот Министер за здравство господинот Н. Т. кој бил испаничен и не знаел што да прави и кажал дека не може да ја внесе болничката екипа внатре да им се помогне на повредените пратеници и новинари. На неколку пати се обидувале, со одредени лица кои не ги познава, направиле жив штит околу Н. Т., да влезат внатре во салата, но тоа не било успешно бидејќи биле одвратени од толпата и било удирано на нив, биле тепано со стапови, бил и тој удрен, гаѓано било со монитори и со се што ќе се најдело во салата. После тој неуспех да ја протнат

болничката екипа, повторно со Н. Т. се упатиле во неговата канцеларија. Во одреден момент дошло униформирано лице со златни чинови, знае дека се вика С. М. еден од началниците во МВР, па настапил со зборовите „значи, надлежните не можам да ги добијам на телефон, не знам што да правиме“ на што Н. Т. му рекол „слободно преземај дејствија, јас ти давам наредба“, па после извесно време се слушнале шок бомби, почнал да се прави коридор од полицајци од Единицата за брзо распоредување и униформата, почнало да се врши приведување на лица, да се носат повредени полицајци на кои што заедно со медицинската екипа што била во канцеларијата на Т. им давале вода и им помагале заедно со екипата на Брзата помош. Повредените пратеници и повредените лица биле сместени во една од канцелариите на Собранието, па бидејќи и тие немале вода, полнеле од чешма вода, а имало и пакети вода, им однеле. Во еден момент приметил лица бидејќи тој упорно барал како да излезе од Собранието, со значки на нив од Управата за безбедност и контраразузнавање, со мотороли, ташничиња црни, како се симнувале од горните скали и со истите тие лица излегол од Собранието на РМ. Надвор почнувала акција на сузбивање на толпа со употреба на шок бомби, после што тој се упатил дома. Наведе дека претходните денови пред настанот имал средби со Љубен Арнаудов, а едната средба се случила пред Собранието на РМ, пред објектот „Аверс“,Љубен Арнаудов бил потпрен на оградата, во тој момент со него бил и О. А., Љ. и некои други лица и имало разговор помеѓу О. и А. дека единствено решение на тие случувања што биле во Собранието е тоа што токму се случило на 27 април во Собранието на РМ, а тоа било дека ќе ги отворат вратите на Собранието и толпата да влезе внатре во Собранието на РМ, а тоа и се случило, како и дека Претседателот на РМ ќе прогласи воена состојба и ќе бидат уапсени одредени лица. Појасни дека во салата на Собранието како што и претходно кажал имало пеење, а во другата сала каде што биле повредените пратеници, имало пцуење, вреѓање викање, навредливи зборови и тоа „Убијте ги предавниците “ и слично. Кога влегол во Пленарната сала внатре биле и останатите пратеници, како од опозицијата така и од позицијата. Истакна дека тој на 27.04. влегол во Собранието за да ги заштити тие што ќе бидат нападнати.

Судот поклони верба на исказот на сведокот бидејќи истиот даде хронолошки опис на настаните на еден јасен, недвосмислен начин, истиот е во склад со останатите докази. Истиот зборува за тоа како масата народ ги тепала пратениците и кои предмети биле употребени, но зборува и за присуство на маскирани лица меѓу кои и вработени во УБК. Од исказот на овој сведок јасно произлезе дека се работи за однапред договорена и организирана акција. Судот сепак мора да го издвои делот на неговиот исказ каде истиот вели дека тој на 27.04. влегол во Собранието за да ги заштити тие што ќе бидат нападнати, бидејќи не е точно дека влегол во Собранието за таа цел, па во овој дел судот не поклони верба на неговиот исказ.

Сведокот О. С во својот исказ наведе дека е вработен во „Сенстор“, фирмата која ги инсталирала камерите во Собранието, истиот е монтажер на безбедносните системи во Собранието, а не знае под чија надлежност е одржувањето на видео надзорот во Собранието на РМ. Наведе дека со оглед да нивната фирма го има инсталирано системот, ако треба нешто да се интервенира ги повикуваат од безбедносните служби на Собранието. Истакна дека за да влезат во мониторингот потребно е посебно одобрение од началникот на Собранието, а технички проблем во функционирање на видео надзорот во Собранието се пријавува на меил кај управителот. Тој не е управител на фирмата и немал добиено наредба за тоа дека деновите пред 27 април 2017 година во фирмата бил пријавен технички проблем во функционирање на видео надзорот во Собранието. Појасни дека на 28 април 2017 година бил во Собранието на РМ по наредба на Јавен обвинител, неговиот претпоставен му наредил да отидат во Собрание. Во Собранието била запечатена собата за видео надзор, но не го знае бројот каде што ги чекале неколку началници, кои чекале и тие да бидат таму присутни, да се отвори собата и да се констатира во каква состојба е мониторинг центарот. После влегле внатре, истото прво се снимило, влегле службите на МВР, снимиле се како што било, имало два компјутера кои не функционирале, еден од началниците им рекол да проверат зошто не функционираат, да ја упалат цела опрема зашто компјутерите биле изгаснати. Од кога ја упалиле се констатирало дека во компјутерите кои не биле за видео надзор, кои биле за следење преку мрежа на снимачите, недостасувале два хард диска, единствено тоа. После пристапиле кон вадење на снимки од диверите по наредба на Јавен обвинител, односно дигитал видео рекордери, им донеле УСБ стикови, кажале од која до која дата, која камера по ред треба да се извади. Откако завршиле, стиковите ги предале на овластени лица кои за тоа имале работни налози каде што стоеле истите што ги превземале со име и потпис и тоа била целата нивна работа во Собранието. Појасни дека тие хард дискови што се одземени биле од компјутери за следење на диверите преку апликациите, значи на нив не се вршел никаков запис, тие служеле само да работи компјутерот и да може да се следат диверите на мониторите.Сведокот појасни и дека имало систем каде што во еден ракомат, метален ормар, стојат диверите каде што се вршат сите записи затоа што имало поголем број на дивери кои не можат во живо да се следат на толку монитори, па се користеле тие два компјутери за да ја репродуцираат сликата на два, три монитори да се гледаат повеќе дивери. Наведе дека на снимката доле ја пишува датата и почетокот на саатот и секоја снимка се надоградува за еден саат, на пример, ако ваделе снимка од 7 значи таа била до 8, после тоа идела другата од 8 до 9 и така. Истакна дека и внатрешните и надворешните камери на Собранието се поврзани на истиот систем. Сведокот наведе и дека додека работаат на одржување на системите, кога влегуваат во мониторинг центарот со нив е присутен и вработен од Собранието. На 28.04. преку апликациите не можеле да влезат бидејќи фалеле дивиерите на хард дисковите, тогаш се закачиле

на мониторите директно на дивиерите, но и за едниот и за другиот случај потребна е шифра. Сведокот наведе дека најверојатно ги предале сите снимки содржани во дивиерите бидејќи никој од нив не побарал повторно да ги вадат истите снимки, затоа што тие тој процес не го гледаат, само задаваат параметри.

Сведокот на многу јасен, ктегоричен и недвосмислен начин појасни што всушност недостасувало од мониторинг собата, а тоа биле два хард дискови кои биле одземени од компјутери за следење на диверите преку апликациите. Воедно даде појаснување за времето кое е наведено на снимките и дека секоја снимка се надоградува за еден саат. Судот во целост поклони верба на исказот на сведокот.

Загрозениот сведок со псевдоним С-1 во својот исказ наведе дека најпрвин би сакал да истакне дека она што претходело на настаните од 27.04 ќе даде една комплетна слика, целосна, со цел да може да се разбере дека сето она што се случувало во Собранието на РМ на 27.04. било претходно добро организирано, обмислено и финансирано. Напомена дека лицето Јане Ченто го познава подолг временски период во кој интензивно се дружеле и станале многу блиски пријатели. Кон крајот на 2016 година Ченто заедно со Т. С. кој бил еден од финансиерите на Македонскиот национален фронт, поконкретно финансиер од дијаспората во Лондон го формирале патриотското здружение под името „Ченто“, а ова му било пренесено лично од обвинетиот Јане Ченто. На почетокот на 2017 година во К., Г., се одржале средби на финансиерите и основачите на идниот Македонски национален фронт, каде биле присутни и Т.С. финансиер, А.К. финансиер и Јане Ченто. Средбите траеле неколку денови и детално биле договорени чекорите за формирањето на Македонскиот национален фронт и воедно било изгласано едногласно претседател на истиот да биде Јане Ченто. Воедно тогаш сите присутни основачи и финансиери си поделиле прстени со симболот на МНФ, а тој прстенот го видел лично како и многу останати затоа што Јане Ченто милувал да го покажува. Подоцна вакви прстени добиле и претседателите на патриотските здруженија кои се формирале на територијата на М. и во дијаспората, прстен кој Јане Ченто го изгубил во настаните на Собранието на 27.04., кое лично му било кажано од Јане Ченто. Сите 22 патриотски здруженија за кои била донесена одлука да се формираат на територијата на М. имале свои ограноци во дијаспората меѓу кои во Ш., И., Г. и Обединетото К.. Јане Ченто како лидер на фронтот ги обединил финансиерите од дијаспората на Македонскиот национален фронт меѓу кои и В. М. од Ш., Т. С.од А. и А. К. од Г., каде исплатите на средства оделе исклучиво на рака. Појасни дека на одржаната средба на почетокот од 2017 година во К., Г. присуствувале одреден број лица. Истакна дека лично присуствувал на средби каде што имало исплати на рака од страна на В. М. од Ш. и А.К. од Г. како финансиери од дијаспората. Сведокот наведе дека лично ги познава лицата А.К. и Т. С., со нив го запознал Јане Ченто, присуствувал на нивна средба каде што биле дадени средства на

рака со цел да се финансира Македонскиот национален фронт, а Јане Ченто многу добро се сеќавал, уште на формирањето на Македонското патриотско здружение во Т., од каде што бил по потекло А.К., од околните села од Т., од таму потекнувал. Наведе дека и Македонскиот национален фронт и сите здруженија кои биле негов составен дел биле формирани пред 27.04. Веднаш по враќањето во М., Јане Ченто во В. го формирал Македонскиот национален фронт со сите 22 патриотски здруженија и застанал на негово чело како претседател. За Македонскиот национален фронт Јане Ченто ја изготвил Повелбата, Статутот, како и целокупната документација. Повелбата која ја потпишале претседателите на сите 22 здруженија во себе ја содржела и точката „М. ќе се брани со сите ненасилни и насилни средства“, тоа била главната кауза за формирањето на овој Македонски национален фронт со неговите 22 разграноци или 22 здруженија. Наведе дека тоа била структурата на Македонскиот национален фронт во кој членувале патриотските здруженија „Андон Чакаларов“ од Т., при што потоа појасни дека направил грешка во името - на ова здружение па истакна дека патриотското здружение е со име „Васил Чакаларев“ Т., потоа „Дамјан Груев“ Д. „Пере Тошев“ П. и останатите. Наведе дека „Пере Тошев“ П. го напоменува бидејќи е патриотско здружение кое што Јане Ченто лично го формирал на територијата на Градот П., здружение за кое канцеларијата лично ја обезбедил бившиот Градоначалник на П., М. Р., при што отварањето на канцеларијата на Македонското патриотско здружение „Пере Тошев“ од П. физички и формирањето на наведеното здружение биле во различни временски периоди, тогаш добиле официјално канцеларија, самото здружение било формирано претходно. На почетокот на април почнале прогласите на социјалната мрежа „Фејсбук“ со текст „Народот да биде на готовс“, „Народот да биде спремен на итна реакција“, „Не си играјте со оган, ќе изгорите, ние сме спремни“. Јане Ченто повикувал со интервјуа и со собири на кои директно се обраќал на членството на формираниот Македонски национален фронт ширум територијата на цела РМ, членството да биде спремно и на готовс, „Народот нема да го дозволи изборот на нелегитимниот претседател“. Деновите после тоа во К. се одржала средба помеѓу Јане Ченто, Нинца, А.К., Игор Југ и уште неколку лица. Средбата била под мото „Организацијата е народот, а народот е организацијата“, а целта на средбата била поради поблиско обединување на патриотските здруженија. Начинот на финансирање на истите, финансирање на пучот кој требал да се случи во Собранието, да се дадат пристапници за нови членови со што би станале побројни тие здруженија, како и да се зајакне улогата на А.К. во таа организација како еден од главните финансиери. Деновите после одржаната средба во К., Јане ја дал следната изјава „З. си фатил работа со луѓе кои го чекаат овој момент“. Понатаму, наведе дека критичниот ден, 27 април, членовите на шест поткомитети на ВМРО ДПМНЕ сите под водство на Д. Д., кој бил сопартиец, близок пријател и колега од УЈП на Ченто, се наоѓале во околните кафетерии на кејот на Вардар. Членовите на шестте поткомитети

предводени од Д. не влегле во Собранието на РМ туку чекале да видат што ќе се случело. Д. изјавил дека намерно не го пуштил членството од неговите шест поткомитети бидејќи знаел што ќе се случи, дека ќе бидат оставени на цедило од лидерот Н. Г.. На 27.04. Јане Ченто бил во постојана комуникација со Нинџа на Вибер. Во еден од разговорите Јане го прашал „Нинџа, каква е ситуацијата во С.“, на што Нинџа му одговорил „лоша“. Од групата од Македонскиот национален фронт, која ја предводел Јане Ченто на ден 27.04 2017 година веќе биле дојдени во С. и чекале во кафетерија на кејот на Вардар. Јане заминал во ресторанот „Дион“, каде се сретнал со Нинџа кој пак бил таму со својата група, оттаму секој посебно тргнал кон Собранието и тоа Нинџа со својата група, Д. Х. Жабата кој меѓу првите влегле во Собрание. Јане потоа телефонски ги барал внатре во Собранието затоа што Жабата се изгубил. Наведе дека тука сака да напомене дека Јане Ченто, Игор Југ и Д. Х. Жабата имале пиштоли внатре во Собранието, со тоа што во еден момент Игор Југ и Жабата ги извадиле пиштолите, но Јане во тој момент не го извадил пиштолот. Истакна дека пиштолите биле црна боја, темен антрацит, поточно пиштолот на Јане Ченто бил темен антрацит, затоа што постојано го носел, секако пиштол без дозвола, а останатите два пиштоли биле со изменета боја поради претходното користење, но основната боја им била темен антрацит, без оглед на тоа колку биле користени. Сведокот наведе дека имале намера да го убијат З., С., М.. Јане со нешто црно, некаков предмет, удрил по З. и тоа директно нишанејќи кон него. Знае дека го удрил и Д. М., ударот бил колатерална штета, главната намера им била да се пресметаат со З. и со С.. Што се однесува до колатералната штета до М., наведе дека го има слушнато Јане дека го удрил по пат кога тргнал кон С., тој лично му кажал како до смрт го газел З. С.. Кога излегол од Собранието бил убеден дека С. е мртов и бил видно среќен и расположен поради тоа. Наведе дека кога излегле од Собрание биле собрани во „Жена паркот“ каде меѓу останатите бил и Нинџа и останатите членови на патриотските здруженија. Јане Ченто бил во постојана комуникација со тогашниот директор на БЈБ Митко Чавков од кого ги добил насоките во случај кога ќе се влегува во Собрание да ги онеспособат камерите и каде точно да се упатат кога ќе влезат во Собранието, односно истиот им кажал каде се пратениците кои требале да бидат цел на нападот. Митко Чавков му ги дал локациите на Јане за поставеноста на камерите внатре во Собранието. Во раните утрински часови следниот ден на 28.04. биле собрани во П. на Могила, а таму биле и учесниците од претходната вечер во Собранието Јане Ченто, Игор Југ, Д. Х. Жабата, Г. А. и останати. Еден од финансиерите, А.К. од „Тетекс“ ги нарачал и ги платил црните маици кои ги носеле припадниците на Македонскиот национален фронт. Веднаш на почетокот на месецот мај Јане Ченто отишол во С., имал интензивни средби со Нинџа во станот во Автокоманда, во скопската населба Автокоманда. Знае дека било разговарано како биле оставени на цедило од лидерот. Еден од тие денови имале и средба со поранешниот директор на БЈБ Митко Чавков. Тие му биле лути на него затоа што тој бил човекот

кој директно нив ги организирал да упаднат во Собранието. Исто така, биле многу лути и на Н. Г. затоа што тој бил директниот организатор на настаните, а Митко Чавков работел под директива на Г.. Биле лути на Г. затоа што уште ноќта кога излегол на телевизија се оградил од сите нив кои влегле внатре во Собранието, а како што кажал сето тоа било организирано и оркестрирано од Г.. Наведе дека сака да појасни дека за позадината, односно организацијата на пучот во Собрание од страна на Г. преку Митко Чавков, Јане Ченто го имал кажано во негово присуство. Во месец мај Јане со кола заминал за Б., а од Б. заминал за Г. кај А. К.. Дека обвинетиот бил со неговата кола во Б. и дека колата ја оставил таму, а потоа заминал за Г. сведокот дознал лично од обвинетиот Јане Ченто. Мисли дека останал во Г. неколку дена или некој период по што се вратил во С., а мобилниот апарат го оставил во Г. кај А. К. затоа што така му било кажано. Сите контакти со странство што ги имал Јане Ченто му ги имал дадено поранешниот Министер за надворешни работи Н. П.. Пред настаните на 27.04 не слушнал во негово присуство дека имало комуникација со Чавков, но после настаните знае дека разговарал со истиот и тоа во повеќе наврати. Знае дека комуникацијата се одвивала преку Вибер, а пред настаните на кои тој не присуствувал, знае дека била на обична мобилна линија. Истакна дека хиерархијата на лицата кои ги конструирале настаните за пучот во Собранието на 27.04 била под директива на Г., неговата десна рака Митко Чавков, извршителот и мозокот на терен Јане Ченто. Јане Ченто бил лицето кое обединил голема маса на народ, ги затрул со своите „идеи“ за „патриотизам“, задоен со филмот „дека живее во време на комити, војводи, арамии“ и Македонскиот национален фронт е всушност мозокот на Јане Ченто и на тие кои му давале директиви, Ч. и Г.. Наведе дека во моментот не му е познато каде е пиштолот кој Јане Ченто го имал внатре во Собрание, но временскиот период непосредно по настаните на 27.04 Јане Ченто го носел постојано со себе, тогаш го гледал на нивните средби, тогаш носел со себе и куршуми во него спремен на готовс, сеуште под импресии на тоа што се случувало во Собранието, потоа што се случило со пиштолот не му е познато. Појасни дека во претходното негово излагање тој убаво, јасно и прецизно кажал кој е претседател на Македонскиот национален фронт и повторил од колку здруженија се состои, дека обвинетиот Александар Василевски-Нинџа знае дека не е претседател на ниту едно здружение, на ниту едно од тие здруженија, а дали е член на некое од нив не може да потврди, дали е симпатизер тоа е негова лична определба во која што не навлегува, наведе дека тука се работи за Јане Ченто кој е претседател на Македонскиот национален фронт и кој ја изготвил повелбата и статутот, а една од точките била М. да се брани, како што навел со сите насилни и ненасилни средства, нешто на кое што бил потпишан Јане Ченто и претседателите на патриотските здруженија. Истакна дека во В. кога се формирал Македонскиот национален фронт присуствувале и ТВ екипи, односно телевизиски куќи, но не може да тврди кој знаел и што знаел за таа средба. Исто така наведе дека средбата во К. која се одржала на

почетокот на месец април помеѓу лицата Јане Ченто, Нинџа, А. К., Игор Југ и уште неколку други лица дали била во ресторан „Баба Цана“ во центар на К. не знае бидејќи не го познава добро градот К., ниту имињата на локалите, кафаните, ресторантите за да може да потврди име на ресторанот. Истакна дека тој искрено не верувал ниту на сопствените очи, ниту на сопствените уши дека тоа што се случило на 27-ми навистина ќе го реализираат. Очигледно Јане Ченто верувал во тоа и знаел, затоа и се случило тоа што се случило на 27.04, здрав човек и разумна личност со здрав разум многу тешко може да поверува дека постојат луѓе кои со задоволство ќе го направат она што се случило на 27.04. Наведе дека обвинетиот Јане Ченто во Собранието на РМ на 27.04 ниту влегол случајно, ниту влегол туку така, влегол со цел, влегол со намера, тие биле организирани, финансирани, тие имале визија за тоа што требало да се случи внатре. Не навлегува во работата на органите како што е МВР, дали постои писмен, неписмен или запис од некаков вид, тоа не било негова работа, ниту негова надлежност, тој го кажувал тоа во што е сигурен, што го слушнал и што го знае, а за тоа дали постоел запис за Вибер комуникацијата помеѓу Јане Ченто и Александар Василевски-Нинџа од 27.04. наведе дека треба да се праша МВР. Појасни дека седењето во „Жена Паркот“ откако излегле од Собрание Јане Ченто и групата каде седеле со Нинџа било во доцните ноќни часови. Истакна дека освен после настаните Јане Ченто комуницирал со Директорот на УБК и пред настаните. Сведокот појасни дека Јане Ченто своите радикални и ултрарадикални идеи ги искажувал јавно на народните собири низ цела М., истиот дури и во интервју кое било објавено на бар код точка ком или точка мк, не знае како било, не го криел својот бес кон актуелната политичка состојба и учесниците во неа притоа упатувајќи директни закани дали преку социјални мрежи, дали преку јавни собири, дали преку писмени интервјуа, Јане Ченто бил многу искрен во своите намери и во своите говори. Истакна дека лично не присуствувал на средбите на Јане Ченто со Чавков, а ниту присуствувал на средбата која се одржала во почетокот на месец мај помеѓу Директорот на БЈБ Митко Чавков, Нинџа и Јане Ченто. Притоа наведе дека Јане Ченто сите информации кои што ги давал, ги давал изворно и нивната веродостојност била со веројатност од сто проценти. Воедно појасни дека обвинетиот Игор Југ е претседател на Македонското патриотско здружение „Владо Георгиев Черноземски“ и бил на централната маса веднаш до Јане Ченто на основачкото собрание во В. на Македонскиот национален фронт. Наведе дека Игор Југ е еден од потписниците на повелбата во која било наведено, а ја пишувал Јане Ченто која вели „со сите насилни и ненасилни средства“ и со тоа Игор Југ, со ставањето на својот потпис бил согласен. Истакна дека обвинетиот Игор Југ лично го познава, првата средба била некаде непосредно пред настаните на 27.04 во присуство на Јане Ченто кој што тогаш на таа средба му давал на Игор Југ инструкции што тој треба да прави внатре во Собранието на РМ, сепак целта била 27.04 кога е изборот на Претседател на Собранието и намера, интенција била да се убијат З. и С.. Нагласи

дека лично ништо ниту имал, ниту ќе има против обвинетиот Јане Ченто, а тоа што го тврди дека обвинетиот Игор Југ носел пиштол внатре во Собрание со цел да изврши убиство на господинот З. и на С. била идејата која што лидерот на Македонскиот национален фронт им ја всадил во главата како идеја за војводи, комити, за некоја револуција која требала сите да ги направи херои.

Судот поклони верба на исказот на загрозениот сведок С1 од причина што неговиот исказ е јасен, категоричен, недвосмислен и во склад со останатите докази. Сведокот точно посочи кога, каде и од кого било формирано патриотското здружение „Ченто“, но воедно зборува и за тоа кога, каде и од кого бил формиран Македонскиот национален фронт, која била целта за формирање на истиот, како и за финансиерите и начинот на исплата на паричните средства кои биле давани на рака. Освен тоа од неговиот исказ се утврди дека сите 22 патриотски здруженија за кои била донесена одлука да се формираат на територијата на М. имале свои ограноци во дијаспората меѓу кои во Ш., И., Г. и ОК. Од исказот на сведокот јасно произлезе кој бил таргет во Собранието на 27.04.2017 година, а тоа биле З. З. и З. С. кои требале да бидат убиени. Воедно сведокот ги наведе лицата кои носеле пиштоли опишувајќи ги истите во смисла каква боја биле, но појаснува и за меѓусебната комуникацијата на некои обвинети. Токму и од исказот на овој сведок се потврди дека сето она што се случувало во Собранието на 27.04. било претходно добро организирано, обмислено и финансирано.

Во текот на доказната постапка беа изведени како докази повеќе снимки, а поточно беше извршена нивна репродукција, па така се отпочна со Видео запис ЦД МТВ 1 фајл Собраниска седница 27.04.2017 година, случувања 1- Фолдер : VIDEO_TS > VTS_01_0 > RESTART > почнува од 00:00 часот, но снимката обезбедена од Собранискиот канал не го покажува вистинското време, туку должината на снимката.

1:58:20 од снимката е говорот на пратеникот И. Д.. „Доколку некој мисли, дека сака да започне парламентарен состав, со погазување на основното право на пратениците да зборуваат и да го кажат своето мислење за се што е поврзано со воспоставување на некакво парламентарно мнозинство тогаш имаме ситуација која што значи најава на тоталитаризам, најава на одзимање на право на пратениците да говорат, најава на туѓо мислење, најава на различен став и најава на воведување на состојба која што ќе донесе тешки последици, јас сакам да укажам дека никој нема право на ниту еден пратеник да му...“

1:59:00 Претседавачот Т. В. дава процедурално збор на сега обвинетиот Крсто Мукоски, а потоа продолжува и говорот на Крсто Мукоски: Т. В. „Господинот Крсто Мукоски има процедурално...“

1:59:26 Крсто Мукоски: „За да не сме господине преседавач дискриминирани и за да може и ние да станеме, почитувани колеги“ и започнува со пеење на химната.

Во тој момент сите пратеници во салата што се присутни од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ се на нозе и пеат, додека пратениците од пратеничката група на ДУИ седат на своите места.

2:01:35 Обвинетиот Крсто Мукоски скандира : „М., М....“ Во тој момент пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и Т. В. аплаудираат и пеат заедно, додека пратеникот П. Ш. снима странично.

2:01:53 Крсто Мукоски: „Треба ли после ова да правиме инциденти?“

Во салата има скандирање и викање „Гласање, гласање“.

Обвинетиот Крсто Мукоски скандира „ Избори, избори...“

2:02:30 Обвинетиот Крсто Мукоски скандира „ М., М....„. Во тој момент сите присутни во собраниската сала, пратениците поточно на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ аплаудираат и подржуваат стоејќи на нозе.

02:03:16 Обвинетиот Крсто Мукоски и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ започнуваат со пеење на друга песна и тоа започнуваат со: „Едно име имаме...“

Во 02:03:50 пратениците од СДСМ извикуваат: „Ш. не ти бега Н.“, обвинетиот Крсто Мукоски сеуште се наоѓа на говорницата.

02:04:13 Претседавачот Т. В. констатира „Повели господине Мукоски 3 минути процедурално имате, повели“.

Повторно има говор обвинетиот Мукоски.

Во 02:05:09 „Претресот трае, додека не се исцрпи листата на пратеници кои се пријавиле за збор, пратениците што се пријавуваат за збор во рок од 1 минута, листата на пратеници не може да се менува и дополнува во текот на претресот.“

Понатаму, во 02:05:40 повторно има говор обвинетиот Крсто Мукоски „...ова драги пријатели што го правите, прво не е добро за вас, не е добро за нас, не е добро за никој во ова Собрание, не е добро за граѓаните на РМ и ако сакате да ме надвикате нема да можете да ме надвикате“..... „И ова што го правите е класична демонстрација на сила, нема да ви помине почитувани колеги, ве молам вразумете се“,„Немојте да правиме инциденти во ова Собрание, не е добро за граѓаните“,„Почитуван колега З. З., вие како лидер на Социјал Демократскиот Сојуз, на крајот ја носите најголемата одговорност, Ве молам за разум“..... „Немојте да дозволиме да влеземе во вртлог од кој што нема излегување надвор, ве молам“

Додека трае говорот пратениците на СДСМ стојат на нозе, а додека пак пратениците на ВМРО-ДПМНЕ држат процедурално говор.

02:07:40 до 02:09:52 говор држи А.М. „... Ајде да видиме народот која химна ја сака, да видиме народот кое знаме го сака, да видиме народот која програма сака, да видиме народот кој грб го сака, да видиме народот на

кого му верува, ајде да гласаме на избори“ .....„да одиме на локални, парламентарни избори и да видиме која платформа ќе победи, да видиме дали ќе победи платформата заведена во туѓа држава или ќе победи платформата која ја сакаат македонските граѓани“...

02:16:38 Претседавачот Т. В. се обраќа прво на пратеникот М. П. „Господине М. П. имате процедурално, М. П. имавте процедурално, повелете“. Во тој момент има реакции во салата и со раката претседавачот Т. В. гестекулира „не“ и продолжува „Господинот И. З. има процедурлно“, „Не, не, И. З. Вие имате процедурално“.

02:17:25 З. И. : „ Благодарам председавач, жалам што крајно го прекршивте Деловникот за работа на Собранието и дозволувате во времето што е предвидено за процедурални забелешки кон Деловникот да се пее химната, јас ја почитувам химната затоа што е химна на државата, меѓутоа како што реков албанците имаат своја химна и затоа откако дозволивте да се пее дел од химната на македонски, јас ќе пеам дел од химната на албански“  со што потоа продолжува со пеење на химната.

02:18:38 претседавачот Т. В. кажува: „Се гледаме утре во 11 часот, благодарам“.

Од снимката се утврди што се случувало во Собранието непосредно пред Претседавачот Т. В. да ја прекине седницата. Имено се виде говорот на пратеникот Крсто Муковски, говорот на пратеникот А. М., но и пеењето на Македонската химна од страна на Крсто Мукоски и на Албанската химна од страна на З. И. кој не бил пријавен за збор. Воедно се утврди и атмосферата внатре во Пленарната сала.

Видео запис „ Над Дион “ камери СТВ, а започнува со време 16:32:40. Од терасата на кафе барот на ресторанот „Дион“ излегуваат две НН лица од кои што лицето од десната страна носи темни панталони и портокалова маичка, додека лицето од левата страна е облечено во сива облека. Лицето со темни панталони и портокалова маица кое излезе од терасата на „Дион“ повторно се враќа назад и седнува на масата.

16:39:50 НН лицето кое што носеше темни панталони и портокалова маица на претходната снимка, повторно се гледа на оваа снимка, истиот стои на терасата пред ресторанот „Дион“ и разговара со НН лице.

16:44:59 На снимката повторно се гледа НН лицето кое што носи портокалова маица истиот стои пред терасата на „Дион“ и разговара со неколку НН лица пред него.

Од горниот дел на снимката се гледа НН лице облечено во црна облека кое што носи некаква, носи нешто во десната рака, окер боја, истиот се придвижува кон терасата на ресторанот „Дион“. Ова лице се гледа дека разговара со НН лицето кое што се гледаше на претходната снимка со протокалова маица, по што НН лицето со портокалова маица излегува од

терасата на „Дион“ и стои пред ресторанот, по што повторно се враќа назад на терасата на ресторанот „Дион“. НН лицето со портокалова маица седнува на една од масите на терасата на ресторанот „Дион“.

16:56:37 НН лицето со портокалова маица и темни панталони од претходните снимки повторно се гледа како излегува од терасата на ресторанот „Дион“, застанува пред истата и разговара со НН лице.

17:03:49 НН лицето кое што носеше портокалова маица сега излегува од терасата на ресторанот „Дион“ носејќи сива јакна и до него се движи друго лице кое што тој го има прегрнато и заминуваат во правец према кафе барот „Тренд Телеком“, тоа е во горниот дел од снимката. Од терасата на ресторанот „Дион“ исто така со забрзано движење излегува НН машко лице со бела маица со кратки ракави, со префрлена торбичка преку рамото и се приклучува, односно оди заедно со НН машкото лице кое што носеше црвено со портокалова маица, а сега носи сива јакна. НН лицето со бела маичка, со префрлена торбичка преку рамото во горниот дел на снимката се гледа како се враќа назад на терасата на ресторанот „Дион“.

17:05:15 Од десниот дел на снимката од терасата на ресторанот „Дион“ се гледа како излезе, излегува НН машко лице облечено во темни панталони, црвена маичка и црвени патики и истиот влезе во средниот дел на терасата од ресторанот „Дион“.

17:12:47 НН лицето со црвени патики и црвена маичка од претходната снимка повторно излегува од терасата на ресторанот „Дион“, разговара на телефон и стои пред терасата се придвижува кон долниот дел од снимката.

17:16:55 Кон терасата на ресторанот се гледа како се придружува, односно влегува во терасата, се гледа како влегува НН машко лице со темни панталони, црни, зелена маичка и околу половината има нешто кое што има бела боја, истиот влегува на терасата од ресторанот „Дион“.

17:23:38 Од горниот дел на снимката кон тересата на ресторанот „Дион“ се приближуваат повеќе машки лица од кои, седум се, од кои едното лице носи црна беретка на главата, црни панталони, црна маичка и маскирно елече, откако групава што ја опишав меѓу кои беше и лицето со маскирно елече разговараше со некое лице кое што излезе од терасата на ресторанот „Дион“ продолжуваат да се движат кон долниот дел од снимката каде застануваат, како разговараат, потоа повторно се враќаат кон терасата на ресторанот „Дион“, од терасата излегува НН машко лице облечен во црни панталони и црна маичка, истиот се поздравува со оваа група и стојат пред терасата.

17:28:11 Од терасата на ресторанот „Дион“ излегува НН лицето со зелена маичка и бело нешто врзано околу половината, до него од десната страна е друго НН машко лице кое што има светлозелени патики, темни панталони и елече бело со сиво со кратки, без ракави, а ова лице со елече без ракави е обвинетиот Никола Митревски.

17:29:00 На снимката се гледа дека обвинетиот Никола Митревски со зелени патики и елече без ракави се враќа на терасата од ресторанот „Дион“ и седнува на една од првите маси.

17:38:48 Од правец према Градскиот трговски центар се гледа како се враќа лицето со зелена маичка кое што претходно на претходните снимки излезе од терасата на „Дион“, а на половината ова лице носи врзана тренерка или јакна црна со бело, а тоа лице е обвинетиот Захарие Симовски.

17:40:03 Во горниот дел од снимката во правецот кафе барот „Тренд Телеком“ се гледа како се враќаат двете НН машки лица кои што претходно заминаа од истиот правец од кои едното носи црни панталони и портокалова маичка со кратки ракави, а другото носи бела маица со кратки ракави и префрлена торбичка преку рамото, истите влегуваат во терасата на ресторанот „Дион“.

17:44:53 Во долниот дел на снимката во десниот агол се гледаат две НН машки лица од кои лицето што стои десно носи сива долна тренерка, маичка со кратки ракави црна, ова е обвинетиот Горанче Анѓеловски Ќосето, а лево од неговата страна е машко лице кое што носи црна маица со кратки ракави, има тетоважа на левата рака, црни три-четврт панталони, ова е обвинетиот Илија Славевски. Овие лица се приближуваат кон правец на терасата „Дион“ од каде што излегува машкото лице со кратката портокалова маица кое што беше видено и на претходните снимки, истиот се поздрави со нив, се прегрнаа и сите тројца се упатија према внатрешниот дел на ресторанот Дион.

17:48:06 Од терасата на ресторанот „Дион“ излегува машкото лице со портокалова маица кое што беше видено и на претходните снимки повеќе пати, истиот разговара на телефон и ова всушност е обвинетиот Александар Василевски Нинџа.

17:48:31 На снимката се гледа дека обвинетиот Александар Василевски се враќа на терасата од ресторанот „Дион“, а од истата излегува машко лице со сива маица со кратки ракави и кратки бермуди со плава боја. Од терасата на ресторанот „Дион“ излегува НН машко лице облечено во црна облека со маица со кратки ракави и се движи према внатрешноста на ресторанот „Дион“, истото лице повторно се враќа назад

17:51:22 На снимката се гледа обвинетиот Никола Митревски како се придвижува кон дел од терасата на ресторанот „Дион“, од внатрешниот дел на терасата на ресторанот „Дион“ поточно од каде што во средината седи обвинетиот Александар Василевски со портокалова маичка се приближува НН машко лице облечен во црна маица со црни ракави кое што носи во десната рака нешто со окер боја, кеса најверојатно и се приближува кон внатрешниот дел од тераста на „Дион“.

18:01:14 На снимката се гледа како лицето кое што претходно беше видено на другите снимки со црвени патики, црни панталони и црвена

маица со кратки ракави како излегува од терасата на ресторанот „Дион“ при што во левата рака држи нешто црно, ова е обвинетиот Митре Питроповски, истиот се приближува кон средниот дел од терасата на ресторанот „Дион“, се гледа дека застанува пред лицата кои седат на масите.

18:03:58 Обвинетиот Александар Василевски кој што носи портокалова маица и сива јакна на него излегува од терасата на ресторанот „Дион“, а пред него на снимката повторно се гледа машкото во горниот дел, машкото лице кое што носи бела маица со кратки ракави и префрлена бела торбичка преку рамото. Обвинетиот Александар Василевски влегува во внатрешниот дел од ресторанот „Дион“.

18:13:23 Во горниот дел на снимката се гледа како се приближува мотор кој се движи према ресторанот „Дион“, на моторот има две лица од кои што лицето горе што го вози, што го управува, носи тегет тренерка со бело на ракавите со долги ракави е, а позади него има машко лице во црна облека со црно безбол капче на главата. Моторот се губи во долниот дел од снимката. Во долниот дел на снимката се гледа лицето кое што го управуваше моторот од левата страна и кое што носи тегет тренерка и маскирни панталони, а од неговата десна страна е машкото лице облечено во црна блуза со долги ракави се гледа на снимката, црно безбол капче, плави фармерки и во десната рака носи жолта окер кеса. Ова е обвинетиот Стефан Младеноски.

18:41:14 Во долниот дел од снимката се гледа како се приближуваат шест НН машки лица кои се движат во два реда по тројца во ред, од кои што во првиот ред во средината е обвинетиот Игор Југ кој носи црна маица со кратки ракави и само тој има маица без никаков натпис на грбот за разлика од останатите пет лица кои што имаат натписи на маиците на нив кои што ги носат, позади обвинетиот Игор Југ има НН машко лице во плави фармерки, црна маица, без коса со црвена, со црвено нешто врзано околу половината. Оваа група од шест лица се приближува во правец према ресторанот „Дион“ и истите влегуваат во внатрешноста на ресторанот.

18:47:10 Пред терасата на ресторанот „Дион“ се гледа како е собрана група од повеќе луѓе од кои што во долниот дел на снимката се гледа обвинетиот Влатко Трајковски облечен во црни панталони, црна блуза со долги ракави, маскирно елече и истиот се приближува во правец према ресторанот „Дион“, а од средниот ред пред терасата се гледа поголемата група на луѓе која што стои меѓу кои е и обвинетиот Никола Митревски кој го носи елечето без ракави бело со сива боја. На снимката во горниот дел се гледа и машкото лице со црно безбол капче на главата кое што ја носеше ќесата во десната рака, а тоа е обвинетиот Стефан Младеноски, потоа се гледа и НН машкото лице со бела маица со кратки ракави, со префрлена торбичка преку рамото кој всушност е обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство, по облеката која што ја носи меѓу групата луѓе е и обвинетиот Захарие Симовски, а кој носи зелена маица со кратки

ракави. Оваaa група на луѓе која што излезе од терасата на ресторанот „Дион“ се упатува према „Стопанска банка“ во Градскиот трговски центар.

18:48:43 На оваа снимка се гледа обвинетиот Митре Питроповски кој носи црвени патики, црни панталони, црвена маичка и црна јакна, разговара на телефон и се движи кон Градски трговски центар.

19:13:44 Во долниот дел на снимката се гледа како се приближува група од седум машки лица кои се движат во правец према ресторанот „Дион“ од кои пет лица се со натписи на блузите, црните блузи со долги ракави кои ги носат, а лицето кое што е во средина носи блуза со црни ракави долги и плаво елече, а позади него, позади оваа група поточно се движи машко лице со црна кожна јакна, со црни панталони, нешто бело под јакната, а тоа всушност е обвинетиот Јане Ченто.

На оваа снимка се јавуваат прекини кога има црн екран, но тоа е заради начинот на функционирање на овие камери, имено истите се активираат при движење, доколку нема движење камерата не снима.

На наведената снимка јасно се видоа дел од обвинетите кои биле собрани пред „Дион“ меѓу кои Александар Василевски Нинџа, Никола Митревски Кољо, Јане Ченто, Игор Југ, Горанче Анѓеловски, В.Т., но тука биле и Стефан Младеновски, Захарие Симовски, Митре Питроповски, Д.Д. Д.. На снимката јасно се гледа дека поголема група се движи кон „Дион“ а истите очигледно добро се познаваат, а имено некои се поздравуваат меѓу себе и седат на иста маса. Воедно на оваа снимка јасно се виде дека две лица со мотор доаѓаат пред „Дион“ од кои едното лице е Стефан Младеновски кој ја носи кесата.

Видео запис од Стопанска Банка ЦД со назив „ Приод пред Телеком “ и „Ебанк “, фолдер „Ебанк “, Фајл-ch11_20170427194812. Времето на ЦД-то кое што се гледа на видео записот покажува еден час понапред од реалното време.

На снимката се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски Ќосето како стои пред бело патничко моторно возило, облечен во сива долна тренерка и црна маица со кратки ракави, истиот гледа нешто пред себе, а околу него има неколку луѓе. На снимката во левиот дел до обвинетиот Горанче Анѓеловски Ќосето од левата страна најпрвин се доближи обвинетиот Илија Славевски, а потоа обвинетиот Влатко Трајковски. Сите се собрани во круг околу обвинетиот Горанче Анѓеловски кој се гледа дека на НН машкото лице во маица со хоризонтални линии, темно црна боја со жолти линии му дава нешто од она што го држеше и гледаше пред себе, а и другите лица земаа по нешто од она што го дели обвинетиот Ќосето се отргнуваат од него. На снимката се гледа како доаѓаат лица и си заминуваат, а воедно се гледа како обвинетиот Горанче Анѓеловски со раката дава нешто. Во горниот дел од снимката се гледа поголема група на луѓе кои всушност се видоа и на претходната снимка на камерите од ресторанот „Дион“ која се гледаше.

Од оваа снимка јасно се утврди дека обвинетиот Горанче Анѓеловски дава нешто на лица кои беа пред „Дион“, меѓу нив е и обвинетиот Влатко Трајковски.Одкако лицата земаат нешто се отргнуваат од него.

Видео запис од Стопанска Банка ЦД со назив „Приод пред Телеком“ и „Ебанк “, фолдер „Приод пред Телеком“, фајл ch12_20170427194835. Времето и на оваа камера и на овој видео запис покажува време кое е еден час покасно од реалното.

Во горниот дел на снимката се гледа како се приближува поголема група на луѓе која што всушност е групата која што се виде на претходната снимка како се упатува према ГТЦ, а на оваа снимка во првиот ред од левата страна се гледа обвинетиот Никола Митревски, до него во средината обвинетиот Игор Југ, десно од него обвинетиот Вилијам Михајловски, позади обвинетиот Никола Митревски во левиот дел се гледа обвинетиот Стефан Младеноски кој што носи црно безбол капче на главата, обвинетиот Стефан Младеноски се гледа како се враќа наназад кон групата. На снимката се гледа и обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство, веднаш позади обвинетиот Никола Митревски со бела маичка со кратки ракави, на снимката се гледа обвинетиот Захарие Симовски кој сега носи црна тренерка со бело, која што претходно беше врзана околу неговата половина. Во горниот дел од снимката повторно се гледа обвинетиот Стефан Младеноски како зема нешто црно во раката и продолжува, на снимката во долниот лев дел се гледа обвинетиот Илија Славевски, позади него во маскирно елече се гледа обвинетиот Влатко Трајковски, десно од него во позадина се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски Ќосето кој од жолта хартиена кеса вади нешто, во левиот дел од снимката се гледа обвинетиот Стефан Младеноски кој носи плави бермуди, сива маица со кратки ракави и безбол капче на себе.

Од снимката се утврди дека поголема група на луѓе кои беа на претходните снимки се упатуваат кон ГТЦ, а тука се обвинетите Никола Митревски, Игор Југ, Вилијам Михајловски, Влатко Трајковски, Горанче Анѓеловски кај кого се наоѓа хартиената кеса, потоа тука се Захарие Симовски, Стефан Младеновски како и Дејан Давидовски Дешо.

ЦД МТВ1 фајл SOBRANIE _27 04 2017 SLUCHUVANJA 1–140, Видео запис ЦД „ MTV 1“ фајл SOBRANIE_27 04 2017 SLUCHUVANJA 1 -140

09:50 Говор на Богдан Илиевски пред Собрание на РМ „ Денес бараме од вас гласно и прецизно многу бучно, да ги поздравите сите кои на сила седат внатре и заборавaат дека на сила може и да излезат од внатре бидејќи народот е газда овде, да ве чујат внатре“.

11:55 Повторно обвинетиот Богдан Илиевски држи говор пред Собранието и пред народот се обраќа со зборовите: „Кој се обидува внатре да направи државен удар, народот тоа нема да го дозволи “

13:00 Говорот на обвинетиот Борис Дамовски пред Собранието на РМ во делот каде што наведува „Да им кажеме, единствениот ходник каде

можат да направат државен удар е ходникот меѓу народот, тука ќе се соочат со нас, се плашат од избори поради својата предавничка агенда, не сме тука 60 дена да ги трпиме измамниците, едно велат пред избори, друго после, денес се пееше друга химна на говорница "

14:40 Обвинетиот Богдан Илиевски повторно држи говор пред Собранието на РМ и наведува „Тука сме зошто си ја сакаме оваа земја, тука сме затоа што не сакаме да го промениме името на оваа земја, доаѓаме со чиста мисла, сплотени, да ги поздравиме господата кои треба да го бранат ова Собрание од нас, тие од кои треба да го браните Собранието се внатре, нека знаат и тие кои по службена должност што се тука, не дека сакаат, да знаете и сите тука дека нема да има потреба од интервенција. Фрчат платформи од други земји и да пеат туѓи химни внатре, а тие господа положиле заклетва која ние ја чуваме во срцето, дека ќе ја браниме оваа земја од секој кој сака да и наштети, не дозволувајте службеното дејствување да ве вознемири непотребно, знаеме зошто сме тука и денеска продолжуваме како и секој друг ден со една мала разлика нема да си одиме од тука дури не си одат тие од тука".

18:09 Обвинетиот Богдан Илиевски продолжува со говорот пред Собранието на РМ и наведува: „Дури се тие внатре мораме да го чуваме овој објект, овој објект не претставува нас, овој објект ја претставува нашата изборна волја, суверинетот, независноста, самостојноста на РМ, граѓаните мора да го одбранат Собранието од сите кои и мислат лошо на М., на вас на кои ви е топло соблечете ги јакните, на вас на кои ви тежат нозете седнете и одморете ги зошто сме тука не одиме никаде "

19:22 Обвинетиот Борис Дамовски продолжува со говор пред Собранието на РМ и наведува: „Собрани во некој ќош, во некој ходник, отпеаја химна на странска држава, ова е окупација, мораме да го одбраниме Собранието, мораме да ги одбраниме нашите барања, мораат да излезат на избори, да се собереме, викајте повеќе од вашите пријатели и роднини, деца, се решава иднината на М. " ...... Со говор продолжува обвинетиот Богдан Илиевски „што и да гласаат пикнати во некој ќош, во некој ходник, не е легитимно, легитимитетот не се црпи од граѓаните тој нивниот, тие го црпат од емисари, од премиери од соседни држави, од разно разни мудреци од надвор од М., но не и од граѓаните никој не им ја гласал таа тиранска платформа и немаат легитимитет било што да изберат, ние ќе останеме тука за да им го докажеме тоа и повторно ќе ги победиме.... Не си одиме дома, немаме каде да одиме од оваа земја, јасно ли ви е господа пратеници, ќе не слушнете, ќе не слушнете и ова ќе заврши на избори, а сите кои сега се обидуваат сега да направат државен удар, на тие избори ќе завршат многу неславно. Ги повикувам сите кои седат дома, да дојдат тука, ова ќе е долга ноќ, ако треба да, ќе се долги денови, ако треба да, ќе се долги недели и месеци, ама ние од тука не си одиме бидејќи немаме каде да одиме, ова е нашиот дом, ова е нашето знаме, и имаме една химна да ја запееме сите заедно.....". За кратко недостига една секвенца, следната секвенца е како народот го пробива

кордонот и оди кон влезот на Собранието. Прво започнува обвинетиот Борис Дамовски да држи говор, а потоа продолжува обвинеиот Богдан Илиевски.

Време 27:13 од снимката. Од десната страна на снимката ќе се види како меѓу толпата се пробиваат повеќе лица со фантомки на главите, значи меѓу толпата се гледа поголема група на лица со фантомки кои што се пробивааат, кои пробуваат да се пробијат на вратата, а во левиот дел од снимката се гледа како, во долниот дел, се гледа како едно лице кое што носи црна фантомка на главата има и безбол капче црно. На снимката во долниот десен дел се гледа и обвинетиот Игор Југ без маска, во десниот дел од снимката во делот каде што се гледаат службените лица на МВР пред едното од нив има машко лице со маскирно елече и црна фантомка на главата, тоа е обвинетиот Влатко Трајковски кој претходно со истата облека се виде на претходните снимки. Во десниот дел напред од снимката се гледа лице со фантомка и со сива маица, тоа е обвинетиот Младен Додевски. Се гледа на снимката обвинетиот Никола Митревски како носи црна маичка и извадена фантомка од лицето стои само на главата, на горниот дел на главата, позади него стои обвинетиот Захарие Симовски кој носи тренерка со бело во средината и фантомка на главата, на лицето. Се гледа како, на снимката се гледа како после туркање меѓу толпата и службените лица од МВР на РМ при што се пробува службените лица да се тргнат од делот према вратата. На снимката исто така се гледа и обвинетиот Никола Митревски во горниот дел на снимката. Исто така од местото каде што стоеше обвинетиот Никола Митревски во горниот дел се гледа и обвинетиот Вилијам Михајловски без маска, пробува насилно да влезе према вратите од Собранието. На снимката се гледа обвинетиот Младен Додевски кој се турка према предниот дел од толпата и носи црна фантомка на главата и сива маица со кратки ракави и во еден момент ја крева десната рака и ја повикува толпата кон внатре. На снимката се гледа како службените лица од МВР на РМ се истуркуваат од делот од каде што првично стоеја пред вратите на Собранието. На снимката се гледа како толпата успева да се пробие од десната страна на влезот од Собранието. На снимката се гледа како толпата народ влегува внатре во Собранието.

Понатаму 33:12 Се гледа обвинетиот Игор Дурловски во сала „М.“ со толпата заедно со кренета рака и снима со мобилен телефон во сива тренерка. Во долниот десен агол тоа е обвинетиот Игор Дурловски.

33:38 Пратеникот Љ. А. се наоѓа во салата „М.“ и е качен на столче и скандира „М.“ заедно со полната сала луѓе.

На снимката се гледа обвинетиот Никола Митревски без маска, под него лево доле обвинетиот Игор Југ, а во продолжение на кадарот доле во центарот е обвинетиот Горанче Анѓеловски.

35:50 Обвинетиот Захарие Симовски ја вади маската. На снимката во горниот дел се гледа обвинетиот Влатко Трајковски качен и носи маскирно елече на столче или на маса. На снимката се гледа обвинетиот Борис

Дамовски како е качен на нешто со рацете кренати нагоре. На снимката во продолжение обвинетиот Борис Дамовски држи говор, но говорот не може да се слушне бидејќи има многу скандирање во салата.

41:04 На снимката се гледа како обвинетиот Игор Дурловски се качува до обвинетиот Борис Дамовски и аплаудира. На снимката се гледа тоа е 41 и 48,49 каде што беа и се уште се застанати обвинетите Борис Дамовски и Игор Дурловски, стои и обвинетиот Владо Јовановски кој држи говор и наведува „нашата најголема казна е што сме дочекале да имаме такви одвратни пратеници, еве ги меѓу народот, ако предавниците избегаа, ја разнебитуваат М., секој оној кој тргнал против својот народ и не го слушал на крај ќе биде губитник".

47:50 На снимката се гледа обвинетиот Владо Јовановски, под него, веднаш до него се гледа и обвинетиот Вилијам Михајловски без маска кој носи црна маица со кратки ракави, со апликација на предната страна и на половината се гледа дека нешто црвено е врзано, односно два ракави се гледаат нанапред. Воедно се гледаат и другите лица на снимката веднаш под обвинетиот Вилијам кои беа дел од групата уште пред ресторанот „Дион". На снимката се гледа како обвинетиот Владо Јовановски се поздравува со повеќе лица кои се качуваат нагоре по скалите во Собранието, а воедно долу во средниот дел од снимката се гледа и обвинетиот Богдан Илиевски.

На претходно наведената снимка јасно се утврди што се случувало пред Собранието, кој држел говор, се гледа дека има повеќе лица со фантомки на главите, се гледа туркањето на дел од обвинетите, насилниот влез на масата народ и дел од обвинетите во Собранието, при што дел од истите се со фантомки. Тука мора да се нагласи дека меѓу обвинетите јасно се видоа Игор Југ, Никола Митревски, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Младен Додевски. Токму пред вратите на Собранието јасно се виде дека обвинетите Вилијам Михајловски и Младен Додевски пробуваат насилно да влезат во Собранието, со тоа што Младен Додевски ја повикува толпата кон внатре.

Анализа на Видео надзор од Собраниски камери (USB 1) -New Folder-фајл Analog_13_18_44_50__04_27.0

08:57 Обвинетиот Горан Ѓошевски се движи во холот со мобилен телефон во рака, пратеничката Ж. П. исто со мобилен во рака.

10:01 Обвинетиот Абдуљфета Алими се симнува по скалите и оди во холот, обвинетиот Абдуљфета се враќа назад со црна ташна во рака, обвинетиот Крсто Мукоски во холот пред салата „М." , обвинетиот Крсто Мукоски повторно во холот збори на телефон и гледа кон влезните врати по што се враќа назад во сала „М.". Обвинетиот Крсто Мукоски се упатува кон средната врата од Собранието, средната влезна врата, во холот влегуваат обвинетиот Љупчо Димовски кој претходно со раце покажуваше кон обвинетиот Мукоски за кревање на греда, истиот стои скоро до

скалите, Љупчо Димовски по што се враќа кон сала „М.“. Се гледа обвинетиот Оливер Поповски, обвинетиот Крсто Мукоски се враќа назад, обвинетиот Сашо Василевски со нога ја бутка гредата од влезната врата по што обвинетиот Мукоски повторно оди кон влезните врати, Љ. А. обвинетиот со мобилен, обвинетиот Тарчуловски разговара со обвинетиот Оливер Поповски, а претходно Сашо Василевски со трчање се упатува кон влезните врати, во тој момент сведокот В.С. трча кон влезните врати и истиот ја враќа гредата по што повторно од страна на Сашо Василевски се трга гредата и со нога ја шутира и Крсто Мукоски стои во холот пред сала „М.“, повторно се враќа кон влезните врати, обвинетиот Ѓошевски се поздравува со обвинетиот Оливер Поповски, Љ. А. зборува на телефон во холот и Јохан Тарчуловски е тука, обвинетиот Абдуљфета му ги дава клучевите на обвинетиот Ѓошевски од средната врата и истите паѓаат, обвинетиот Ѓошевски ги зима и влегува веќе толпата народ внатре во Собранието. Обвинетиот Љ. А. ги повикува да влезат, обвинетиот Оливер Поповски е на мобилен телефон, им покажува обвинетиот Арнаудов каде да се упатат, према сала „М.“, се гледа Игор Југ влегува, влегуваат маскираните лица, во горниот лев агол се гледа обвинетиот Никола Митревски Кољо како влегува внатре во Собрание и истиот не носи маска, обвинетиот Сашо Василевски меѓу масата народ се упатува кон салата „М.“, во 14:13 се гледа Горанчо Анѓеловски покрај Игор Југ, некаде околу 16 часот обвинетите Борис Дамовски и Владо Јовановски влегуваат со толпата народ внатре, обвинетиот Борис Дамовски збори на мобилен а тука е обвинетиот Владо Јовановски.

На снимката јасно се виде отворањето на вратата на Собранието после што во внатрешноста на Собранието влезе маса народ. Воедно на снимката се видоа и обвинетите Горан Ѓошевски Леви, Оливер Поповски, Абдуљфета Алими кои се во холот пред влезните врати и истите ништо не превземаат за да го спречат отварањето на вратата, ниту пак да ја спречат толпата народ при нивниот влез во внатрешноста на Собранието. Токму тука се гледа исправното постапување на полицискиот службеник В. С. кој се обидува да го спречи отворањето на вратите на начин што ја враќа извадената греда од вратата.Од оваа снимка јасно се виде и како обвинетиот Абдуљфета Алими му ги дава клучевите на обвинетиот Горан Ѓошевски. Воедно на снимкта се видоа и обвинетите Горанче Анѓеловски, Никола Митревски и Игор Југ.

USB 5 ФАЈЛ 20170428191225 kamera 13, скали од приземје кон први спрат хол Длаборез.

Од 18.50:05 Горан Ѓошевски се симнува по скалите гледа према влезните врати, се гледаат обвинетите Елена Доцевска Божиновска и Иван Цветановски, обвинетиот Иван Цветановски покажуваше кон влезните врати и влегува масата народ и тие ја повикуваат да се качи горе по скалите. Масата народ влегува, обвинетиот Иван Цветановски аплаудира, ја повикува масата народ и потоа аплаудира. За да се врати масата назад према Пленарната сала обвинетиот Горан Ѓошевски, на средниот дел

спрема скалите ја насочува толпата народ и се враќа масата народ, се враќа према Пленарната сала. Никола Митевски Кољо ја повикува масата народ без маска, со крената рака, Стефан Младеноски е со фантомка, Дејан Давидовски-Дешо кој е во бегство во бела маица, тогаш ја става фантомката, Младен Додевски е со фантомка, Митре Питроповски со капче, а претходно таму беше обвинетиот Митре Питропоски пред две лица од ЕБР, значи Стефан Младеновски и Митре Питроповски се симнуваа по скалите со маски, 18:56 Стефан е првиот што се симнува надоле, 18:54:37 после него е Митре Питроповски. Стефан Младеновски и Митре Питроповски повторно се качуваат по скалите 18:56,30, Стефан ја повикува толпата народ да се качи нагоре, Никола Митревски-Кољо без маска, Стефан Младеновски со маска, Дешо, Младен Додевски ја повикуваат масата да се качи нагоре, Младен Додевски се симнува надоле, Стефан повторно ја повикува масата народ, тука е и Дејан Давидовски-Дешо кој е во бегство моментално, Кољо Никола Митревски, Митре Питроповски, во разговор се Стефан Младеноски, Митре Питроповски, Дешо со овластено лице од ЕБР. По скалите повторно се симнува обвинетата Елена Доцевска Божиновска, во црвено или циклама палто и црни панталони. Никола Митревски се качува по скалите, до него е Стефан Младеноски, ја повикуваат масата народ горе, Младен Додевски, сеуште се гледа обвинетата Елена Доцевска Божиновска, Стефан ја повикува масата, Митре Питровски се качува Игор Југ, Илија Славевски, тука е Никола Митревски, Младен Додевски стои на оградата кај скалите. Во 19:00:52, се качува Горанче Анѓеловски без маска е тука, Игор Југ се качува, Илија Славевски, со бермуди и со маска, Никола Митревски е, Младен Додевски се симнува по скалите доле меѓу масата народ.

Во 19:06, Кога го пробиваат кордонот од ЕБР. Обвинетиот кој е во бегство Дејан Давидовски-Дешо, се симнува по скалите, обвинетиот Захарие Симовски и Дешо се качуваат повторно по скалите, продолжуваат кон кабинетот на Претседателот на Собрание, Младен Додевски, Михаил Младеноски, Вилијам Михајловски и уште едно лице НН со маска се качуваат по скалите нагоре, НН лица од толпата се качуваат по скалите, во 19:13:50, Вилијам Михајловски се симнува по скали.

19:15:20 Ова беше Вилијам Михајловски, претходно не беше тој. Вилијам Михајловски стои на скалите, тука до припадниците на ЕБР и се качува по скалите заедно со толпа народ. Кољо се симнува по скали и зборува на мобилен телефон со крената фантомка и после тоа ја вади фантомката, извадена му е скроз. Горанче Анѓеловски обвинетиот зборуваат со Никола Митревски по што обвинетиот Горанче се качува по скалите нагоре, а обвинетиот Никола Митревски се симнува надоле по скалите.

19:22:28, Горанче Анѓеловски обвинетиот подава шишиња со вода на припадници на ЕБР, а пред него Горан Ѓошевски-Леви подава вода на припадниците на ЕБР.

19:23:03, Стефан Младеноски, Михаел Младеноски и Захарие Симовски се симнуваат по скалите, нагоре се качува Никола Митревски, се прегрнуваат со Михаел и разговаарат нешто на скалите, тука се уште е обвинетиот Горанче Анѓеловски, разговаарат Стефан и Захарие, Михаел се прегрнува со Горанче Анѓеловски, на скалите седнува Младен Додевски, Кољо се качува нагоре, тука е Захарие Симовски, Михаел, Горанче Анѓеловски ја вади маската, обвинетиот Никола Митревски ја повикува масата народ и Михаел Младеноски, ја повикува масата народ да се качи горе, има туркање на масата народ со припадниците на ЕБР, Младен Додевски се качува нагоре прв пред масата, Младен Додевски помага на масата народ да се качи горе, истиот прв се качува, позади него е Захарие Симовски, масата народ се качува по скалите, повторно има туркање со припадници на ЕБР, покрај степениците стои Горанче Анѓеловски Ќосето.

19:25:30 Се појавува Јане Ченто обвинетиот, се поздравува со Горанче Анѓеловски.

19:28:12 Обвинетиот Влатко Трајковски без маска, значи свртен со грб со маскирно елече, се појавува со лицето се качува нагоре, свртен спрема камерата, се поздравува со Горанче Анѓеловски.

19:29,30, За цело ова време обвинетите кои што претходно се наведени се качуваат и се симнуваат по скалите.

19:33 Си заминуваат Митре Питроповски, Младен Додевски, а пред нив треба да биде Никола Митревски-Кољо, Захарие Симовски, Михаел и Стефан Младеноски.

19:39:04 Илија Славевски се симнува по скалите.

На наведената снимка се гледаат повеќе обвинети и тоа Горан Ѓошевски, Никола Митревски, Младен Додевски, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Вилијам Михајловски, Влатко Трајковски и Јане Ченто кој се поздравува со обвинетиот Горанче Анѓеловски, а со него се поздравува и обвинетиот Никола Митревски. Дел од обвинетите се со фантомки. Се гледа нивното движење во Собранието. Од оваа снимка јасно се виде дека обвинетите Никола Митревски и Младен Додевски ја повикуваат масата, со тоа што Младен Додевски се качува нагоре прв пред масата и и помага на масата народ да се качи горе. Од оваа снимка воедно произлезе дека обвинетите кои се претходно наведени се качуваат и се симнуваат по скалите. Воедно се гледа и туркањето со припадници на ЕБР.

УСБ 4 Фајл 20170428184822 Камера 08. На оваа видео снимка се гледа холот „Длаборез“ со поглед према канцеларијата на тогашниот претседавач на Собранието Т. В..

Снимката започнува со време 18:45. Во првиов дел се констатира дека се гледа како е отворена вратата од канцеларијата на тогашниот претседавач Т. В. и се гледаат членови од неговото обезбедување кои што

стојат пред вратата на кабинетот. Во овој момент се гледа како од канцеларијата на претседавачот Трајко Вељановски излегува обвинетиот Горан Ѓошевски и се упатува према холот, носи темно сако и светло сина маица и телефон во рацете.  На снимнката се гледа како има движење од членовите на обезбедувањето на претседавачот Трајко Вељановски, истите излегуваат и влегуваат во неговиот кабинет.

На снимката 18:47:46 се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како стои пред вратата на кабинетот на претседавачот Т. В., а потоа повторно се придвижува према холот, према скалите

18:48 Се гледа како од кабинетот на претседавачот Т. В. излегува обвинетата Елена Божиновска облечена во циклама сако, за момент стои со телефон во рацете пред кабинетот и повторно влезе внатре, а во долниот дел од снимката се гледа како обвинетиот Горан Ѓошевски разговара на телефон.

18:49:14 Од кабинетот на претседавачот Т. В. се гледа како излегува обвинетиот Иван Цветановски и се упатува во холот десно гледано према снимката.

18:49:28 Обвинетиот Горан Ѓошевски повторно излегува за момент пред вратата од кабинетот на претседавачот Т. В. и повторно влегува внатре.

18:49:56 Од кабинетот на претседавачот Т. В. прво излегува обвинетиот Горан Ѓошевски, потоа обвинетата Елена Божиновска која гестикулира со рацете,  а во позадина точно пред вратата на кабинетот се гледа и обвинетоиот Иван Цветановски. Обвинетите Горан Ѓошевски и Елена Божиновска се упатуваат према холот, односно према скалите.

18:50:08 Обвинетата Елена Божиновска застанува пред вратата од кабинетот на претседавачот Т. В., а во меѓувреме од кабинетот излегува обвинетиот Иван Цветановски и се упатува према холот по што повторно се враќа према кабинетот и обвинетата Божиновска влегува внатре во кабинетот.

18:50:36 Од кабинетот на претседавачот со трчање излегува обвинетата Елена Божиновска со мобилен телефон во рацете, а позади нејзе се движи обвинетиот Иван Цветановски и истите се упатуваат према холот, односно према скалите.

18:51:20 Се забележува како собранискота обезбедување се поставува точно пред вратата на кабинетот на претседавачот Т. В..

18:51:26 Се гледа како обвинетата Елена Божиновска со трчање се враќа према кабинетот на претседавачот В. притоа гестикулира со рацете нагоре, движејќи ги нагоре.

18:51:30 Обвинетата Божиновска се приметува како со скокање влегува во кабинетот на претседавачот В..

18:51:45 Обвинетата Божиновска повторно излегува од кабинетот на претседавачот В. со трчање притоа се забележува радост на лицето и гестикулира со рацете скокајќи нагоре, истата се упатува према холот.

18:51:56 Обвинетиот Горан Ѓошевски од ходникот од холот од скалите се упатува точно кај вратата на претседавачот В., а веднаш по него се враќа и обвинетата Божиновска која повторно со гестикулации на радост се движи кон кабинетот на претседавачот В..

18:52 Се забележува како дел од обезбедувањето и вработените со трчање се упатуваат кон внатрешноста на кабинетот на претседавачот В..

18:52:12 На снимката се гледа како од холот во правец према кабинетот на претседавачот В. се движи обвинетиот Никола Митревски Кољо, во првиот момент се заприметува дека носи црна фантомка на главата која што ја вади додека се движи. Од неговата десна страна се движи обвинетиот Абдуљфета Алими.

18:52:17 Околу обвинетиот Никола Митревски се приметува како се собира собраниското обезбедување, а во позадина стои и обвинетиот Иван Цветановски свртен со грбот према камерата.

18:52:28 Се заприметува како толпа народ се качува и се упатува према кабинетот на претседавачот В. по што вртат десно во ходникот, а воедно се приметуваат и службени лица на МВР, единица ЕБР.

18:52:56 Се приметува во горниот дел на сликата туркање помеѓу дел од толпата по што дел од луѓето во толпата се враќаат према скалите, а обвинетиот Иван Цветановски се движи по холот пред вратата на кабинетот на претседавачот, стојат и обвинетите Горан Ѓошевски и Елена Божиновска со телефони во рацете.

Припадниците на ЕБР 18:53:50 се симнуваат надоле по скалите.

18:53:58 Обвинетата Божиновска се движи во холот кој што се гледа на снимката повторно со телефонот во рацете, а тука се и обвинетите Иван Цветановски кој што на кратко ја повикува и обвинетиот Горан Ѓошевски кој стои пред вратата од кабинетот на претседавачот В..

18:54:28 На снимката од холот спрема скалите се заприметува машко лице облечено во фармерки, со црна јакна со долги ракави, безбол капче црно и црна фантомка кој всушност е обвинетиот Стефан Младеноски, позади него се приметува уште едно лице со фантомка облечен во црни панталони и црна блуза и со црвени патики, а тоа е обвинетиот Митре Питроповски. Истите се упатуваат надолу према скалите, во истиот момент со нив се разминува обвинетиот Иван Цветановски.

Во 18:54:45 Во десниот хол гледано према снимката се упатуваат обвинетите Елена Божиновска и Иван Цветановски кои што повторно се враќаат пред вратите од кабинетот на претседавачот В..

18:54:56 Се забележуваат лица кои претходно влегоа во десниот ходник како се враќаат надолу према скалите. Во исто време се забележува како обвинетата Божиновска постојано се движи во ходникот со телефонот во рацете.

18:56:25 Се забележува како обвинетиот Горан Ѓошевски излегува од кабинетот на претседавачот В. и се упатува десно по ходникот.

18:56:36 Од десниот ходник се приметува како излегува обвинетиот Никола Митревски со црна фантомка на главата и притоа со десната рака се гледа како повикува некого. Истиот се упатува према скалите.

Позади него во 18:56:38 се гледа обвинетиот Младен Додевски со плави бермуди, сива маица со кратки ракави, со бели хоризонтални линии на предната страна и црна фантомка на главата.

18:56:40 Се гледа обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство како носи бела маица со кратки ракави, со црна апликација на предната страна, црна торбичка преку рамото и црна фантомка. Исто така во ходникот се наоѓа и обвинетата Божиновска која што се разминува со нив.

18:56:41 Во долниот дел на снимката, поточно од скалите према нагоре се појавува обвинетиот Стефан Младеноски кој носи црно безбол капче, црна горна тренерка со долги ракави и капуљача на главата и плави фармерки и се упатува лево гледано према снимката, веднаш позади него се движи обвинетиот Митре Питроповски со црна фантомка, црни панталони и црна блуза со долги ракави и црвени патики.

18:56:54 На снимката се забележува како од левиот дел се придвижува најпрвин обвинетиот Никола Митревски и се упатува надоле према скалите, а веднаш после него е и обвинетиот Стефан Младеноски, потоа обвинетиот Митре Питроповски и обвинетиот Младен Додевски, сите се гледа како се упатуваат надоле. На снимката се гледа и обвинетиот Дејан Давидовски. Воедно на снимката во горниот дел, пред вратата на кабинетот В. се гледа како стојат и обвинетите Горан Ѓошевски, Иван Цветановски и Елена Божиновска.

18:57:53 Обвинетиот Иван Цветановски за кратко се упатува надолу према скалите по што повторно се враќа во холот пред кабинетот на претседавачот В.. Во истиот момент надолу према холот се упатуваат и обвинетите Горан Ѓошевски, Елена Божиновска, а по нив и обвинетиот Иван Цветановски. На снимката повторно се гледа како се враќаат обвинетиот Горан Ѓошевски и обвинетиот Иван Цветановски.

18:59:33 Обвинетата Божиновска се гледа како се упатува према скалите надоле.

19:00 На снимката се заприметува дека пред кабинетот на претседавачот В. во холот има движење од собраниското обезбедување.

19:01 Од скалите надоле во правец према холот се појавува најпрвин обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче на главата и црна маска, лево од него е обвинетиот Игор Југ без маска, позади нив односно веднаш до обвинетиот Игор Југ од неговата десна страна е обвинетиот Митре Питроповски со црвени патики, а позади нив двајца се движи обвинетата Елена Божиновска.

19:01 Се гледа како обвинетата Елена Божиновска се врти со лицето према скалите надоле и разговара со некого, а 19:01:10 прв од скалите надолу према холот се гледа како се качува обвинетиот Никола Митревски без маска, а позади него доаѓа група на луѓе.

19:01:12 На снимката се гледа обвинетиот Илија Славевски со три четврт црни панталони, црна маица и црна фантомка на левата рака има тетоважа.

Во овој момент 19:01:15 се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски со сиви тренерки и црна фантомка и додека се движи облекува црна тренерка со долги ракави.

19:01:19 Во левиот дел од снимката се гледа како има кратка комуникација помеѓу обвинетиот Горанче Анѓеловски и обвинетата Елена Божиновска. Толпата луѓе која што се качи од скалите се гледа како се упатува десно према ходникот од кабинетот на претседавачот В..

На снимката во 19:01:38 се гледа обвинетиот Игор Југ како разговара со некој од обезбедувањето на Собранието, истиот останува пред кабинетот на претседавачот В..

19:01:53 Пред кабинетот се заприметуваат и обвинетите Иван Цветановски, Горан Ѓошевски и Елена Божиновска.

19:02:20 Се заприметува како дел од масата која што влезе десно према ходникот гледано према кабинетот на претседавачот В. излегува од тој ходник и се упатува према холот, а во 19:02:25 од скалите према холот се упатува обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со бела маица со кратки ракави, плави фармерки, црна торбичка преку рамото и црна фантомка на главата.

Се заприметува 19:02:36 кратка комуникација помеѓу обвинетите Дејан Давидовски и Игор Југ, а потоа обвинетиот Дејан Давидовски продолжува да разговара на мобилен телефон. Во холот се заприметува како се движи и обвинетиот Иван Цветановски.

19:03:09 Се забележува кратка комуникација помеѓу обвинетите Елена Божиновска и обвинетиот Игор Југ пред вратата од кабинетот на претседавачот В., а во позадина се гледа како стои и обвинетиот Горан Ѓошевски.

19:03:17 Обвинетата Елена Божиновска се гледа како го допира по рамо обвинетиот Дејан Давидовски кој разговараше на мобилен телефон и носи црна фантомка на главата.

19:03:26 Се заприметува како обвинетата Божиновска се упатува десно по ходникот и повторно се враќа пред вратите од кабинетот на претседавачот В., исто така од ходникот се гледа како излегува и обвинетиот Игор Југ, а до него стои обвинетиот Дејан Давидовски.

19:04:07 Обвинетиот Горан Ѓошевски се движи слободно во холот, а позади него стои обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, а во позадина се гледа и обвинетиот Игор Југ.

19:04 Се гледа како обвинетиот Горан Ѓошевски се враќа во холот и ја проверува средната врата.

19:04:27 Од десниот ходник гледано од вратата на кабинетот на претседавачот Вељановски излегуваат обвинетиот Горанче Анѓеловски со сиви тренерки, сива долна тренерка, црна тренерка со долги ракави горна и фантомка црна на главата, а позади него во лево дијагонално гледано према снимката се гледа и обвинетиот Митре Питроповски со црвени патики, црна фантомка, црна долна тренерка и црна горна тренерка. Во ходникот се заприметува и пратеникот Н. Т.кој се симнува надоле по скалите, а во средина од холот остануваат обвинетите Горанче Анѓеловски, Митре Питроповски, Дејан Давидовски и Игор Југ.

19:04:43 Се приметува обвинетиот Иван Цветановски како од пред вратите на кабинетот на претседавачот В. се упатува во левиот дел од ходникот во истиот правец каде што заминаа обвинетите Горанче Анѓеловски и Митре Питроповски. Во горниот дел од снимката се заприметува како обвинетата Елена Божиновска со телефонот во рацете застанува до обвинетиот Игор Југ и до уште едно НН машко лице. Се приметува кратка конверзација помеѓу нив после што истата со телефонот во рацете повторно се враќа во правец према кабинетот на претседавачот Вељановски. Во долниот дел од снимката 19:04:53 се приметуваат обвинетите Дејан Давидовски, Горанче Анѓеловски, Митре Питроповски како се придвижуваат надолу према скалите од ходникот, од холот.

19:05:06 Повторно во холот се враќа обвинетиот Горанче Анѓеловски со црна фантомка на главата, а тука е присутен и обвинетиот Игор Југ без маска. На снимката се гледа како застанува во 19:05:15, се гледа како застанува обвинетиот Митре Питроповски до обвинетиот Игор Југ.

19:05:25 Од ходникот десно гледано од кабинетот на претседавачот Вељановски излегува обвинетиот Иван Цветановски со шишиња води во рацете и истиот му дава вода на обвинетиот Игор Југ и на обвинетиот Митре Питроповски.

19:05:34 Се гледа како обвинетата Елена Божиновска дава вода на едно НН машко лице кое стои во холот, а не е дел од вработените во

Собранието и носи, уште едно шише од раката зима обвинетиот Митре Питроповски кој носи црна фантомка на главата и уште едно дава на НН машко лице кое што стои во холот, а за кој исто така се гледа дека не е од вработените во Собранието.

19:05:46 Од десниот ходник гледано од кабинетот на претседавачот В. се појавува обвинетиот Горан Ѓошевски кој носи пакет води во левата рака и истите ги остава на масата во холот каде што има лица со фантомки, а меѓу кои се и обвинетите Дејан Давидовски, Горанче Анѓеловски, Митре Питроповски, како и обвинетиот Игор Југ кој не носи маска.

19:06:21 Се гледа како обвинетиот Дејан Давидовски зема неколку шишиња кои што претходно беа оставени од обвинетиот Горан Ѓошевски и со истите се упатува надолу по скалите.

19:06:47 Од скалите се враќа обвинетиот Дејан Давидовски заедно со обвинетиот Захарие Симовски кој носи црни панталони, црна блуза со долги ракави со бела капуљача и црна фантомка на главата, кон нив се приближува обвинетиот Горанче Анѓеловски и имаат кратка комуникација, по што во 19:06:58 се гледа како обвинетиот Горанче Анѓеловски се придвижува надолу према скалите, а во меѓувреме неколку пати према камерата се врти обвинетиот Захарие Симовски кој се гледа дека на тренерката, на горната тренерка која ја носи има голема хоризонтална бела линија.

19:07:11 Од скалите према холот се упатува обвинетиот Младен Додевски со сини бермуди, сива маица со кратки ракави и црна фантомка на главата, а десно од него е обвинетиот Михаел Младеноски со црна маица со кратки ракави, црна торба преку рамото и црна фантомка кој со истата облека беше виден и на снимките од камерите „Дион“ и приод кон „Телеком“.

19:07:19 Од скалите према холот се забележува како се појавува обвинетиот Вилијам Михајловски кој носи плави фармерки, темно црвена блуза врзана околу половината, црна маица со кратки ракави и на грбот има од маицата некаков натпис.

19:07:45 Се забележува како од скалите се качуваат граѓани и застануваат во холот пред кабинетот на претседавачот В., а во горниот дел од снимката се приметува како се движи обвинетиот Михаел Младеноски, Захарие Симовски и Дејан Давидовски. Во холот исто така се приметуваат и обвинетите Иван Цветановски и Елена Божиновска.

19:08:31 Од десниот ходник гледано од кабинетот на претседавачот Вељановски се заприметува како излегува обвинетиот Стефан Младеноски со црна фантомка на главата и црно безбол капче и со десната рака повикува, ги повикува луѓето кои што седат во средниот дел од ходникот, од холот, истиот се придвижува кон крајот на холот и во 19:08:40 се приметува како во делот каде што се упати обвинетиот Стефан Младеноски прв се придвижува Михаел Младеноски и се упатува десно

према ходникот гледано према кабинетот на претседавачот В., после него се упатуваат обвинетите Игор Југ, Вилијам Михајловски, Захарие Симовски, Дејан Давидовски, сите заминуваат во десниот ходник, а пред вратата на кабинетот на претседавачот В. стои обвинетиот Иван Цветановски и разговара на телефон. Исто така се заприметува и обвинетата Елена Божиновска која има кратка комуникација со обвинетиот Иван Цветановски во ходникот, во холот се приметува обвинетиот Митре Питроповски како се шета со црна фантомка на главата, после него во 19:09:48 поминува пратеникот И. Д.

19:10 Обвинетите Иван Цветановски и Елена Божиновска цело време стојат во холот со мобилните телефони во рацете, а покрај обвинетиот Иван Цветановски поминува обвинетиот Митре Питроповски со црна фантомка на главата.

19:10:50 Се заприметува како пред кабинетот на претседавачот Вељановски доаѓа и обвинетиот Горан Ѓошевски, а до него стои обвинетата Елена Божиновска.

19:11:22 Се забележува кратка комуникација помеѓу обвинетиот Горан Ѓошевски и обвинетиот Митре Питроповски кој носи црна фантомка на главата, а до нив се приклучува и обвинетата Елена Божиновска која се заприметува дека накратко се обраќа и таа према обвинетиот Митре Питроповски.

19:12:08 Се забележува обвинетиот Митре Питроповски како влегува десно во ходникот од кабинетот на претседавачот В..

19:13:24 Од ходникот десно од кабинетот на претседавачот В. се заприметува НН машко лице со црна фантомка на главата и црна торба преку рамото и три четврт светло-сини фармерки.

19:13:30 Од истиот ходник излегува уште едно НН лице со црна фантомка на главата, горна сива тренерка со долги ракави и долна црна тренерка, а позади нив е и обвинетиот Вилијам Михајловски без маска на главата. Овие три лица се упатуват надолу по скалите, а во меѓувреме се гледа како обвинетиот Митре Питроповски повторно доаѓа во холот.

19:15:18 Од скалите се забележува НН лице како со трчање се упатува према кабинетот на претседавачот В., а во исто време од ходникот десно гледано од, гледано према кабинетот на претседавачот В. излегува обвинетиот Никола Митревски. НН лицето кое што се качи со трчање од ходникот се гледа како пробува да влезе во кабинетот на претседавачот В. пред кој стои обвинетиот Горан Ѓошевски и се обидува да го спречи да не влезе, по што лицето се упатува десно према ходникот, а во меѓувреме кон групата луѓе што стојат пред кабинетот на претседавачот В. се приближува обвинетиот Иван Цветановски и се гледа како со рацете нешто покажува гледано надолу према ходникот, односно десно од кабинетот на претседавачот В. . Меѓу групата луѓе кои што стојат пред кабинетот е и обвинетиот Никола Митревски.

19:15:36 Се гледа како од ходникот десно од кабинетот на претседавачот В. излегува обвинетиот Никола Митревски и со раката повикува, и со раката ги повикува луѓето кои што стојат во овој хол.

19:15:41 Обвинетиот Никола Митревски застанува точно пред делот каде што завршуваат скалите и од каде се качува поголема група на граѓани меѓу кои се гледа и обвинетиот Вилијам Михајловски кој не носи маска и кој има црна маица со кратки ракави и темно црвена блуза врзана на половината, а обвинетиот Никола Митревски на луѓето кои што се качуваат по скалите им покажува на каде да се движат, односно со рацете покажува надолу што би дошло гледано према снимката десно према ходникот од кабинетот на претседавачот В. по што обвинетиот Никола Митревски се гледа како се симнува надолу по скалите.

19:15:43 Се гледа како во горниот дел обвинетиот Иван Цветановски со раката покажува на толпата народ на каде да се движат, а со раката покажува надолу по ходникот односно десно од кабинетот на претседавачот Вељановски. Овој ходник десно води кон Прес салата. Пред кабинетот на претседавачот В. се гледа како обвинетиот Иван Цветановски повторно покажува правец на луѓето на каде да се движат, а пред вратата на кабинетот стои и обвинетата Елена Божиновска.

19:16:03 Се гледа како од ходникот од кај Прес салата пред кабинетот се појавува обвинетиот Горан Ѓошевски. Истиот се упатува со трчање према другиот крај на ходникот каде што има други луѓе, се гледа како им покажува на луѓето правец на движење со левата рака, се враќа назад, а по него се враќа и група граѓани.

19:16:22 Се гледа како обвинетиот Горан Ѓошевски со лева рака кренатa покажува во правец према холот, према Прес центарот во групата луѓе кои што се застанати околу него. Се гледа обвинетата Елена Божиновска како покажува исто така на последните луѓе кои од толпата да се движат према холот, а воедно и обвинетиот Иван Цветановски со рацете покажува во правец према холот, према Прес центарот по што оди према другиот ходник, на другиот крај од овој хол, проверува нешто и за кратко повторно се враќа во холот пред кабинетот на претседавачот Вељановски, а во холот за целото време се заприметува како стои и обвинетиот Митре Питроповски со црна фантомка на главата.

19:17:56 Се заприметува како обвинетиот Горан Ѓошевски и обвинетата Елена Божиновска разговараат со НН лице од групата граѓани кои што се влезени во Собранието по што продолжуваат да стојат со мобилните телефони во раце, а обвинетиот Горан Ѓошевски влегува во кабинетот на претседавачот В..

19:18:40 Се заприметува како обвинетиот Иван Цветановски од ходникот од пред прес, од кај Прес салата се враќа пред вратата на кабинетот на претседавачот Вељановски по што обвинетиот Иван Цветановски има комуникација со обвинетата Елена Божиновска.

19:19:20 Се заприметува како од холот од кај Прес центарот си заминуваат група на луѓе меѓу кои има и луѓе со фантомки на главите, а повторно во истиот ходник се упатуваат обвинетите Елена Божиновска и Иван Цветановски.

19:19:56 Се заприметува како обвинетиот Иван Цветановски носи и се враќа од холот од кај Прес салата со две шишиња води во рацете при што ги остава да ги земат дел од луѓето кои се влезени во Собранието.

19:20:27 Од ходникот од кај Прес салата се заприметува како излегува обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата и започнува да разговара на мобилен телефон. После него се придвижуваат обвинетите Стефан Младеноски кој носи црна фантомка и црно капче безбол на главата, а позади него е и обвинетиот Захарие Симовски кој носи црна фантомка на главата, црна горна тренерка со долги ракави и бела голема хоризонтална линија во предниот дел од тренерката и тројцата обвинети се гледа како се упатуваат надоле према скалите.

19:20:47 На снимката повторно се гледа како обвинетиот Митре Питроповски со црна фантомка на главата и разговара на мобилен телефон. Во ходникот се враќат и обвинетите Захарие Симовски и Стефан Младеноски.

19:21:04 Се гледа како обвинетиот Иван Цветановски нешто му покажува на НН машко лице од групата луѓе кои што се влезени во Собранието. Во ходникот се гледаат обвинетите Захарие Симовски, Митре Питроповски, Стефан Младеноски и Михаел Младеноски, а во позадина пред кабинетот на претседавачот Вељановски стојат обвинетите Горан Ѓошевски, Елена Божиновска и Иван Цветановски.

19:21:47 Се гледа како обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата разговара на мобилен телефон.

19:21:50 Се гледа како НН машко лице со фантомка на главата му приоѓа на обвинетиот Горан Ѓошевски и имаат кратка конверзација. Во исто време од ходникот од кај Прес салата во овој хол се појавува обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата и сини бермуди и сива маица со кратки ракави.

19:21:56 Истиот има кратка конверзација со обвинетите Захарие Симовски, Митре Питроповски и Стефан Младеноски. Михаел Младеноски се приклучува во овој разговор. Сите носат црни фантомки на главите.

19:22:10 Се гледа како обвинетиот Горан Ѓошевски со трчање во левата рака носи пакет води и се упатува према скалите надоле.

19:22:18 Се гледа како обвинетиот Иван Цветановски во десната рака носи пакет води и се упатува према скалите надоле.

19:22:27 Во холот се заприметува аплаудирање од обвинетиот Захарие Симовски, а обвинетиот Михаел Младеноски скандира со левата рака, по што обвинетиот Михаел Младеноски разговарајќи по мобилен телефон се упатува према ходникот према Прес центарот, а веднаш по него се и обвинетите Младен Додевски и Захарие Симовски.

19:22:52 Се заприметува како обвинетиот Младен Додевски повторно се враќа во овој хол, а во долниот дел од снимката се гледа и обвинетиот Стефан Младеноски.

19:22:59 Се гледа како обвинетиот Захарие Симовски се упатува надолу по скалите, а горе останува обвинетиот Митре Питроповски.

19:23:10 Се заприметува како обвинетиот Младен Додевски се симнува надолу по скалите.

19:23:30 Се заприметува обвинетиот Горан Ѓошевски како се упатува према средниот долен дел од холот, а потоа повторно се враќа назад, а во 19:23:53 се заприметува како обвинетиот Михаел Младеноски од скалите се враќа во овој хол.

19:24:05 Се заприметува обвинетиот Никола Митревски како разговара на мобилен телефон во горниот дел од снимката се уште стојат обвинетите Иван Цветановски и Елена Божиновска и повремено гледаат према ходникот према Прес центарот, а во 19:24:26 од ходникот од кај Прес центарот се гледа како излегува со трчање обвинетиот Вилијам Михајловски и се упатува кон скалите.

19:24:45 Се гледа како од кај скалите се качува прв обвинетиот Михаел Младеноски кој скандира со двете раце, веднаш позади него е обвинетиот Вилијам Михајловски, а по нив се качува и обвинетиот Младен Додевски и обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави и бела капуљача.

19:24:53 Обвинетиот Иван Цветановски се заприметува како покажува правец на движење на групата луѓе кои што се качуваат по скалите нагоре, а со раката покажува према ходникот према Прес центарот, а во горниот дел од снимката се гледа и обвинетата Елена Божиновска како со левата рака покажува правец на движење на толпата луѓе и таа исто така покажува према ходникот кој води према Прес центарот. Во долниот дел од снимката меѓу луѓето се гледа и обвинетиот Никола Митревски без фантомка на главата.

19:25:03 Се гледа како обвинетиот Иван Цветановски дава правец, покажува правец на движење на толпата луѓе и тоа во насока према Прес центарот.

19:25:10 Се гледа како обвинетиот Митре Питроповски кој носи црна фантомка на главата исто покажува правец на толпата према Прес центарот. Во горниот дел од снимката 19:25:11 точно пред вратата на кабинетот на претседавачот В. се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски исто

така покажува правец према Прес центарот на толпата луѓе. На снимката се забележува зголемено движење према Прес центарот.

19:25:28 Повторно се гледа како обвинетите Иван Цветановски и Митре Питроповски покажуваат правец на движење на се поголем број луѓе кои што се качуваат и се упатуваат во ходникот према Прес центарот.

19:25:42 Во горниот дел од снимката непосредно пред средниот ѕид се гледа како стои обвинетиот Стефан Младеноски кој носи црна фантомка на главата, црно безбол капче, црна капуљача и се гледа како покажува со рацете правец на движење према Прес салата.

19:25:39 Од скалите се гледа како во овој хол обвинетиот Јане Ченто се качува од скалите и носи црна јакна со долги ракави, позади него има НН машко лице со црвено елече без ракави и сива маица со кратки ракави. Се заприметува како обвинетиот Јане Ченто се приближува кон кабинетот на претседавачот Т. В. и непосредно пред него се поздравува со обвинетиот Иван Цветановски во горниот дел од снимката. Обвинетиот Јане Ченто разговара и со едно НН лице со фантомка на главата.

19:25:58 Во левиот дел од снимката се гледа обвинетиот Стефан Младеноски како носи црна фантомка, црно безбол капче и црна капуљача врз безбол капчето.

19.26.04 Обвинетиот Стефан Младеноски ја симнува капуљачата од главата, на снимката се гледа поголема група на граѓани како е собрана пред кабинетот на претседавачот В. и има движење на дел од нив према ходникот према Прес центарот.

19:27:15 Во горниот дел се гледа обвинетиот Стефан Младеноски во левиот горен дел, без фантомка на главата со црно безбол капче само.

Во горниот дел од снимката 19:27:54 се гледа обвинетиот Иван Цветановски при што едниот разговара со некои од луѓето од толпата.

19:28:53 Во долниот дел од снимката, поточно од скалите се гледа како доаѓа обвинетиот В. Т. кој носи зелено маскирно елече, со црна блуза со долги ракави и црни панталони, истиот се упатува во правец према кабинетот на претседавачот В. каде што стои обвинетата Божиновска се гледа кратка комуникација помеѓу нив по што истата му ја отвора вратата и обвинетиот В. Т. влегува внатре во кабинетот, а по што влегува и обвинетата Елена Божиновска. Во холот се заприметува како се намалува толпата луѓе и истите се упатуваат према Прес центарот.

19:29:59 Во горниот дел од снимката се гледа како обвинетиот Влатко Трајковски излегува од кабинетот на претседавачот В..

19:30:15 На снимката се гледа НН машко лице раскрвавено во лицето како од ходникот од кај Прес центарот се упатува надолу према скалите.

19:30:42 Во горниот дел од снимката од ходникот од кај Прес центарот се гледа како излегува обвинетиот Никола Митревски без маска, по што во 19:30:54 истиот става црна фантомка на главата.

19:31:20 Од ходникот од кај Прес центарот се гледа како излегува обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни панталони, бели патики, на кратко разговара со постаро, возрасно машко лице по што се упатува према скалите надоле.

19:31:42 Се гледа како од ходникот од кај Прес ценатарот излегува обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сини бермуди и сива маица со кратки ракави, истиот се упатува према обвинетиот Никола Митревски во горниот дел од снимката, а во овој момент се гледа дека обвинетиот Никола Митревски маската ја има кренато само да стои на гордниот дел од главата и на кратко разговара со обвинетиот Младен Додевски и со обвинетиот Митре Питроповски, при што се приклучува и обвинетиот Дејан Додевски.

19:32:32 Обвинетите Никола Митревски, Дејан Давидовски и Младен Додевски се упатуваат во ходникот према Прес центарот.

19:32:09 Во горниот дел од снимката се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски, а околу него обвинетиот Младен Додевски и Митре Питроповски и други две НН машки лица со фантомки на главите, тука се приклучува и обвинетиот Никола Митревски и има комуникација помеѓу овие обвинети со фантомки на главите и обвинетиот Горан Ѓошевски, така што сите се свртени према него по што истите се упатуваат према Прес центарот, а обвинетиот Горан Ѓошевски застанува пред вратата на кабинетот на претседавачот В..

19:32:49 Од ходникот од кај Прес центарот се гледа како излегува обвинетиот Вилијам Михајловски.

19:32:54 Се гледа како од ходникот од кај Прес центарот најпрво излегува обвинетиот Никола Митревски, позади него е обвинетиот Митре Питроповски и Дејан Давидовски, потоа обвинетиот Младен Додевски и сите се упатуваат према скалите надоле, а во левиот дел на снимката се гледа како кон скалите се движи и обвинетиот Михаел Младеноски, а веднаш позади него и обвинетиот Стефан Младеноски без фантомка на лицето, но со црна капуљача на главата. На снимката повторно се забележува раздвижување во холот и тоа група луѓе излегуваат од ходникот од кај Прес ценатарот и се упатуваат дел во средината на овој хол, а дел се симнуваат надоле по скалите. Во горниот дел од снимката пред вратата на кабинетот на претседавачот В. се забележува обвинетата Божиновска.

19:34:08 Повторно од скалите се забележува обвинетиот Вилијам Михајловски кој се упатува према кабинетот на претседавачот В., а потоа во ходникот према Прес центарот.

19:34:20 Се заприметува обвинетиот Горан Ѓошевски заедно со обвинетата Елена Божиновска и со обвинетиот Горан Ѓошевски се упатува кон ходникот на спротивниот крај од овој хол, гледано од ходникот према Прес центарот.

19:34:36 Се заприметува обвинетиот Иван Цветановски како има кратка комуникација со обвинетите Горан Ѓошевски и Елена Божиновска. На снимката се заприметува повторно како група луѓе се качуваат по скалите и се упатуват према ходникот, према Прес центарот.

19:37:27 Се гледаат две НН машки лица со фантомки на главите како излегуваат од ходникот од кај Прес центарот и се упатуваат надолу по скалите.

19:37:47 Се гледа како обвинетиот Горан Ѓошевски од пред вратата на кабинетот на претседавачот В. се упатува према ходникот на Прес центарот, а пред вратата на кабинетот на претседавачот В. останува да стои обвинетата Елена Божиновска со мобилен телефон во рацете.

19:38:56 Од ходникот од кај Прес центарот се гледа како излегува обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка на главата, црна блуза и црни три четврт панталони и црни патики. Истиот се упатува према скалите.

19:39:59 На снимката се гледа комуникацијата меѓу обвинетите Елена Божиновска и Иван Цветановски.

19:40:51 Обвинетите Иван Цветановски и Елена Божиновска се упатуваат надолу по скалите.

19:42:17 На снимката се гледа дека припадник на брзата единица ЕБР како излегува од ходникот од Прес центарот и се упатува надоле према скалите.

19:42:42 На снимката се гледа како едно НН машко лице излегува од ходникот во Прес центарот со знаме во рацете.

19:43:06 Обвинетите Елена Божиновска и Иван Цветановски се враќаат пред вратата на кабинетот на претседавачот Вељановски.

19:43:37 На снимката се гледа како едно НН лице со црна фантомка стои пред вратата на кабинетот на претседавачот В. по што се упатува према ходникот на Прес центарот.

19:44:08 Се гледа обвинетата Елена Божиновска како се враќа од ходникот во Прес центарот пред вратите на кабинетот на преседавачот В., по што заедно со обвинетиот Иван Цветановски се враќаат према тој ходник.

19:44:32 Од ходникот од кај Прес центарот се забележува лице со скандирање како излегува и се упатува према средината на овој хол при што има врзано знаме на себе.

19:47:29 Се забележува обвинетиот Иван Цветановски како се упатува кон ходникот према Прес центарот при што во овој хол се забележуваат таму неколку лица од оние што претходно беа качени.

19:47:32 Од кабинетот на претседавачот В. излегува обвинетиот Горан Ѓошевски. Во холот се уште се присутни лица кои претходно се видени со врзани знамиња на грбовите.

19:48:56 Од кабинетот на претседавачот В. излегува обвинетата Елена Божиновска, воедно се приметуваат и лица како излегуваат од ходникот од кај Прес центарот и се упатуваат надолу према скалите. На снимката се забележува како обвинетиот Горан Ѓошевски разговара со едно од двете лица кои имаат врзано знаме на грбот.

19:49:55 Во горниот дел од снимката се гледа како стојат обвинетите Горан Ѓошевски и Елена Божиновска со телефони во рацете. Се забележува како сеуште излегуваат луѓе од ходникот во Прес центарот и се упатуваат надоле према скалите.

19:50:38 Обвинетата Елена Божиновска се упатува по ходникот према Прес центарот.

19:50:50 Се забележува обвинетиот Вилијам Михајловски како излегува од ходникот од кај Прес центарот и се упатува надолу према скалите. На снимката се забележуваат како излегуваат од ходникот од кај Прес центарот, но има и луѓе кои што се упатуваат према овој ходник.

19:52:06 Се забележува обвинетиот Иван Цветановски како доаѓа од ходникот од кај Прес центарот, по што влегува внатре во кабинетот на преседавачот В..

19:52:46 Пред вратата на кабинетот на претседавачот В. се гледаат како стојат дел од вработените од обезбедувањето и од Собранието.

19:53:40 Пред вратата на кабинетот на претседавачот В. се заприметува како стои обвинетиот Горан Ѓошевски. Воедно, се забележуваат како сеуште доаѓаат луѓе од скалите и се движат према ходникот кон Прес салата.

19:54:10 Од кабинетот на претседавачот В. се гледа како излегува обвинетата Божиновска и се упатува во спротивниот хол од ходникот од каде што е Прес салата. Во холот се забележува како има присуство на вработени во МВР на РМ. Во холот доаѓаат и други лица од Единицата за брзо распоредување при МВР на РМ.

19:55:43 Се гледа обвинетата Елена Божиновска како од холот каде што претходно се упати се враќа назад и продолжува на кратко према ходникот од кај Прес центарот, разговара со некое лице и повторно се враќа кон спротивниот ходник. Во холот се уште се гледа присуство на повеќе припадници на единицата за брзо распоредување при МВР на РМ,

а воедно тука се присутни сеуште и двете лица со врзани знамиња на себе кои потоа се упатуваат надолу по скалите.

19:58:18 Од кабинетот на претседавачот Т. В. се гледа како излегува обвинетиот Иван Цветановски, во холот е присутен и обвинетиот Горан Ѓошевски.

19:59:09 Обвинетиот Цветановски се враќа во кабинетот на претседавачот В., додека обвинетиот Ѓошевски сеуште стои пред вратата на овој кабинет.

20:00:05 Се забележува НН лице како излегува од ходникот од кај Прес центарот.

20:01:01 Се забележува како дел од обезбедувањето на Собранието заедно со обвинетите Иван Цветановски и Горан Ѓошевски се во кратка комуникација.

20:01:20 Се гледа обвинетата Елена Божиновска како се враќа од ходникот од спротивниот правец од кај Прес центарот со трчање се упатува према кабинетот на претседавачот В. и по кратко време излегува од истиот и се упатува према ходникот во Прес центарот.

20:02:04 Обвинетиот Иван Цветановски се упатува кон ходникот према Прес центарот. Во горниот дел од снимката 20:02:25 се забележува едно машко НН лице разговара со дел од припадниците на Единицата за брзо распоредување при МВР на РМ.

20:02:28 Од скалите во правец према кабинетот на претседавачот Вељановски се појавува обвинетиот Вилијам Михајловски во црна маичка со кратки ракави и темно црвена блуза врзана на половината и сини фармерки. Истиот се упатува потоа према ходникот према Прес центарот. Се забележува како други лица се качуваат по скалите и се упатуваат према ходникот према Прес центарот.

20:03:07 Се гледаат лица како излегуваат од ходникот од кај Прес центарот.

20:03:.45 Се гледаат две НН машки лица како се качуваат од скалите во правец према кабинетот на претседавачот В., разговараат кратко со еден од припадниците на Единицата за брзо распоредување, по што повторно се враќаат назад по скалите.

20:04:33 Се гледа како се уште се качуваат луѓе по скалите и се упатуваат кон ходникот према Прес центарот, за целото време во холот присутни се повеќе припадници на Единицата за брзо распоредување при МВР на РМ.

20:05:20 Се забележува како припадниците на Единицата за брзо распоредување стануваат, ги ставаат заштитните шлемови на главите, има некаква комуникација помеѓу сите нив, од скалите се забележува доаѓање и на други припадници на оваа единица.

20:06:20 Припадниците на Единицата за брзо распоредување се упатуваат према ходникот према Прес центарот од кој што пет припадниците остануваат во овој хол.

20:07:10 Во ходникот се забележува НН машко лице со црно бејзбол капче и црна маичка со кратки ракави како се приближува кон петте припадници на Единицата за брзо распоредување, се поздравува со нив и застанува да разговара.

20:08:07 На снимката се уште се гледа движење и према ходникот од Прес центарот и од ходникот од кај Прес центарот према средината на овој хол.

20:08:35 Обвинетите Елена Божиновска, Иван Цветановски и Горан Ѓошевски се уште стојат пред вратата на претседавачот В.. За целото време се забележува дека обвинетата или разговара на мобилниот телефон или истиот го држи во рацете и гледа во него.

20:11:07 Се гледа како уште неколку припадници на Единицата за брзо распоредување се упатуваат према ходникот кон Прес центарот.

20:12:49 Се забележуваат луѓе како излегуваат од ходникот кај Прес центарот, но се забележуваат луѓе како се качуваат по скалите и се упатуваат према тој ходник.

20:14:01 Се гледа како четирите припадници на Единицата за брзо распоредување кои беа останати во овој хол се упатуваат према ходникот према Прес центарот. На снимката се гледаат обвинетите Елена Божиновска и Иван Цветановски како стојат пред вратите на кабинетот на претседавачот В., заедно со уште неколку лица.

20:15:22 Од ходникот од кај Прес центарот се гледаат две машки лица како се упатуваат према средината на овој хол и повикуваат едно лице кое што седеше на фотелјите на средината на холот, по што заедно се упатуваат по ходникот према Прес центарот.

20:16:03 На снимката се гледаат граѓани кои имаат влезено во Собранието.

20:16:40 Се гледа како три НН машки лица излегуваат од ходникот од Прес центарот и застануваат на средината на овој хол.

20:17:04 Се гледа како обвинетиот Горан Ѓошевски излегува од кабинетот на претседавачот В. и застанува пред истиот.

20:17:25 Пред кабинетот на претседавачот В. се враќаат обвинетите Иван Цветановски и Елена Божиновска.

20:18.50 Пред вратите на кабинетот на претседавачот В. се забележуваат обвинетите Елена Божиновска, Иван Цветановски, Горан Ѓошевски како стојат заедно со други вработени во Собранието и разговараат.

20:19:43 Повторно се забележуваат луѓе како се качуваат по скалите према Прес центарот.

20:20:00 Се гледа како обвинетиот Иван Цветановски се поздравува со некои од луѓето кои што се качија по скалите.

20:20:43 Се гледа како неколку луѓе стојат на почетокот од ходникот према Прес центарот и свртени се натаму.

20:23:23 Се забележува некакво трепкање на светло на снимката, луѓето кои што и претходно стоеја свртени према Прес центарот сеуште стојат таму, меѓу нив се и обвинетите Иван Цветановски и Елена Божиновска.

20:23:50 Се гледа како луѓе излегуваат од кај ходникот од Прес центарот и се упатуваат надолу према скалите.

20:24:08 Обвинетата Божиновска влегува во кабинетот на претседавачот В., а обвинетиот Иван Цветановски се упатува надолу према скалите.

20:25:05 Обвинетиот Иван Цветановски се враќа пред кабинетот на претседавачот В., а тука е и обвинетата Елена Божиновска.

20:26:55 Се гледа како се качуваат луѓе од ходникот по скалите и се упатуваат према ходникот према Прес центарот.

20:28:38 Се уште има движење, према Прес центарот и од тој ходник према холот како што се гледа на снимкава.

20:29:23 Од скалите се гледа како се качуваат припадници на Единицата за брзо распоредување при МВР на РМ, застануваат во холот и за кратко се упатуваат во ходникот према Прес центарот.

20:30:20 Се забележува присуство на камермани во овој хол.

20:30:45 Се забележува како возрасно машко лице излегува од ходникот од кај Прес центарот, истиот со раката нешто замавнува и разговара со некого, повторно се враќа према ходникот према Прес центарот и се расправа најверојатно со присутните од обезбедувањето во Собранието.

20:32:20 Од кабинетот на претседавачот В. излегува обвинетата Елена Божиновска и застанува пред истиот со мобилниот телефон во рацете.

20:34:28 Сеуште има движење на луѓе од скалите нагоре према овој хол.

20:34:50 Се забележува пратеникот И. Д. како се симнува надолу према скалите, а во исто време се качува поголема група на граѓани и застанува во средината на овој хол.

20:36:12 Се гледа како групата граѓани се уште стојат во овој ходник, а во горниот дел од снимката се забележуваат обвинетите Елена Божиновска и Иван Цветановски, кој го има соблечено сакото и влегува во кабинетот на претседавачот В..

20:37:32 Се забележува буткање на почетокот од ходникот према Прес центарот. Групата граѓани сеуште стојат, не се тргаат од холот. Во меѓувреме се забележуваат и нови лица како се качуваат по скалите и застануваат во средината на холот.

20:38:20. Повторно се забележува буткање на почетокот од ходникот према Прес центарот.

20:39:20 Се забележува како дел од луѓето кои стоеја во овој хол се симнуваат надолу по скалите, но дел сеуште остануваат и тоа стојат свртени према ходникот према Прес центарот.

20:40:01 Се забележуваат многу луѓе како се качуваат од скалите према овој хол, а во горниот дел од снимката повторно се забележува буткање при што се гледа и прскање со вода во позадина.

20:40:50 Се забележува поголема група на луѓе која што сега е свртена и стои према ходникот према Прес центарот. Буткањето и натаму продолжува.

20:41:51 Се уште продолжува буткање во горниот дел од снимката, на почетокот од ходникот према Прес центарот.

20.42.56 Буткањето продолжува, групата луѓе се концентрира еден до друг точно пред ходникот према Прес центарот.

20:43:48 Се забележуваат луѓе со знамиња како се движат во овој хол.

20:44:07 Се забележува машко лице со црно бејзбол капче на главата без маска, со црна маица со кратки ракави и црвена блуза врзана околу половината, како во рацете носи дрво, истиот се упатува према ходникот према Прес центарот и најверојатно со тоа дрво повеќе луѓе удираат кон нешто на почетокот од ходникот према Прес центарот, по што во 20:44:30 се гледа како поголема група на граѓани кои што стојат во овој хол ракоплескаат со рацете нагоре.

20:45:15 Повторно се гледа некакво удирање према почетокот од ходникот према Прес центарот и повторно се гледа прскање со вода во истиот правец. Воедно, во овој хол уште има поголема група на граѓани кои што стојат и се свртени према ходникот према Прес центарот. Удирањето со стапови продолжува и во 20:46:09.

20:47:07 И понатаму продолжува удирањето и буткањето на почетокот од ходникот што води спрема Прес центарот. Се забележува скокање на дел од присутните.

20:47:47 Се забележува буткање на горниот дел од снимката, се забележуваат лица со маски, при што дел се упатуваат на скалите надоле, а дел од лицата со маските се враќаат спрема ходникот спрема Прес центарот.

20:48:26 Во горниот дел од снимката пред вратите на претседавачот В., се забележува буткање помеѓу луѓето.

20:49:19 Групата луѓе се уште стои према почетокот на ходникот од Прес центарот и понатаму се гледа буткање и замавнување со раце.

20:50:30 Понатаму продолжува буткањето и расправањето во горниот дел од снимката на почетокот пред ходникот према Прес центарот, при што се гледа и раздвижување помеѓу луѓето во средниот дел од овој хол, а дел се упатуваат надолу према скалите.

20:51:28 Од горниот дел на снимката од ходникот према Прес центарот се појавува обвинетиот Борис Дамовски и се гледа како гушка друго НН лице, истиот носи сива маичка со кратки ракави на предниот дел од маицата има апликација, се гледа како повеќе луѓе го поздравуваат и се приближуваат до него према скалите надолу.

20:52:34 Во горниот дел од снимката се уште се забележува присуство на лица со маски, во еден момент започнуваат да ракоплескаат и стојат свртени према ходникот кој води према Прес центарот.

20:53.24 Се гледа како во горниот дел од снимката се гледа како луѓето удираат и земаат залет.

20:53:37 Од скалите во правец према вратите на претседавачот Вељановски се појавува обвинетиот Владо Јовановски носејќи маслинеста јакна со долги ракави, истиот се, истиот застанува откако се забележува силно светло од ходникот према Прес центарот, по што се враќа надолу према скалите, а во горниот дел од снимката се гледа како НН машко лице удира со стап во нешто пред почетокот на ходникот од Прес центарот со удирање се приклучуваат и други луѓе, меѓу кои има и луѓе со маски, воедно фрлаат и предмети во истиот тој правец.

20:54:48 Се забележува бел чад и паѓање на стиропорот, воедно се гледа како луѓето, дел од луѓето кои што се присутни во овој хол продолжуваат да фрлаат со предмети према почетокот на ходникот од Прес центарот, при што зимаат делови од паднатиот стиропор, летви и ја креваат масата која што се наоѓа во средината на овој хол и со истите тие замавнуваат кон почетокот на ходникот од Прес центарот. Ова континуирано продолжува, при што дел од луѓето кои беа во овој хол почнаа да се симнуваат надолу по скалите, а во 20:56:00 се гледа како се враќат дел од луѓето повторно во овој хол.

20:56:18 Сеуште се забележува кршење на инвентарот во овој хол на Собранието од страна на присутните луѓе.

20:56:57 Повторно се забележува обвинетиот Владо Јовановски како се качува од скалите и се упатува према средината на овој хол, се наведнува надолу, околу него има насобрано други луѓе, а во меѓувреме мавањето со предмети и кршење на инвентарот и натаму продолжува, се продолжува со фрлање на предмети кон почетокот на ходникот према Прес центарот 20:57:38, се гледа обвинетиот Владо Јовановски заедно со уште едно друго лице како носат на рамена едно лице кое што лежеше на подот.

20:58:10 Се гледа како се зема поголема клупа, со истата најпрвин се удира према почетокот на ходникот од Прес центарот, а потоа луѓето ја исправуваат и ја поставуваат да стои исправено.

20:58:40 Се гледа како од ходникот од кај Прес центарот излегува сив чад, за момент луѓето се враќаат наназад према почетокот на скалите, се забележува повторно удирање со предмети према почетокот на ходникот од каде што доаѓаше чадот, фрлање на предмети, а воедно луѓето и натаму продолжуваат со кршење на инвентарот.

20:59:45 И покрај чадот кој што се гледа дека излегува од ходникот према Прес центарот и се гледа дека дел од присутните луѓе ставаат нешто врз устите, истите и понатаму продолжуваат да фрлаат предмети према почетокот од ходникот према Прес центарот, а воедно и ги редат поголемите предмети во исправена состојба и ги поставуваат точно пред ходникот, на моменти се гледа радување и ракоплескање на овие луѓе.

21:00:40, се гледа како одеднаш камерата се свртува нагоре. Од оваа минута па натаму снимката е делумно заматена. На снимката и понатаму се гледа како луѓето фрлаат предмети према почетокот на ходникот према Прес центарот и онака како што е сега поставена оваа камера се гледа средната врата од холот „Длаборез“.

21:01:45 Се гледа како дел од луѓето ја отвораат средната врата од овој хол и влегуваат внатре, по што излегуваат повторно во холот, фрлањето со предмети према ходникот и понатаму продолжува, групата луѓе се гледа дека е сеуште присутна во овој хол, се гледа раздвиженост, како дел од луѓето влегуваат на средната врата, дел излегуваат, а континуирано продолжува фрлањето со предмети према ходникот кој води према Прес центарот.

21:03:51 Се гледа како лице удира со ногата во средната врата од овој хол.

На наведената снимка јасно се видоа повеќето од обвинетите во внатрешноста на Собранието, при што при репродукцијата на снимката точно е посочено за кои обвинети станува збор, кој од нив е со маски и опишани се нивните дејствија. Од снимката јасно се виде дека во непосредна близина на обвинетиот Горан Ѓошевски во повеќе наврати се наоѓаат лица со фантомки, но истиот не презема ништо, а спротивно на ова истиот остава вода на место каде се наоѓаат обвинетите, на масата

во холот каде што има лица со фантомки, а меѓу кои се и обвинетите Горанче Анѓеловски, Никола Митревски, како и обвинетиот Игор Југ кој не носи маска, а тука е и Дејан Давидовски. Од оваа снимка се виде и како обвинетиот Горан Ѓошевски со лева рака крената покажува во правец према холот, према Прес центарот на групата луѓе кои што се застанати околу него. Горан Ѓошевски покажува правец према Прес центарот на толпата луѓе. Меѓу останатите беше забележан и обвинетиот Јане Ченто како се движи према Прес центарор, но и како разговара и со едно НН лице со фантомка на главата. Забележана беше и комуникација помеѓу Елена Божиновска и обвинетиот Влатко Трајковски кој потоа е пуштен во кабинетот на Т. В., но и комуникација помеѓу Младен Додевски и Никола Митревски Коњо. Воедно додека обвинетиот Никола Митревски Коњо се гледа како се движи од холот во правец на кабинетот на претседавачот Вељановски, од неговата десна страна се движи обвинетиот Абдуљфета Алими. На дел од снимките се гледа како од страна на масата народ се крши инвентарот во холот на Собранието, но иако има присуство на службени лица на МВР, единица ЕБР ништо не се превзема од нивна страна. На снимката се виде и металната врата за која што зборуваше сведокот В. Н., помошник командант на ЕБР кој појаснуваше како ја врзале со лисици и дека стоеле позади со оглед да после ходникот во Прес салата се наоѓаат канцелариите на пратеникот В. Ѓ. каде што веќе биле евакуирани пратениците од Прес салата. Од снимката произлезе дека обвинетиот Никола Митревски им покажува на луѓето да се движат кон Прес салата.

Презентација на снимки од УСБ 4, фајл 20170428184822, камера 11

На оваа сника се гледа холот „Даборез" од спротивен правец поглед према балконот.

Времето почнува од 18:45:00 и се гледа холот „Даборез" во правец према балконот.

18:46:44 Во левиот дел од снимката се забележува НН лице како се симнува надолу по скалите, погледнува надолу од балконот по што повторно се враќа нагоре, па доаѓа до средниот дел од оградата на балконот и се враќа према левиот дел од снимката.

18:47:59 Се гледа како лицето претходно се симна по скалите надолу, се враќа нагоре, по него се гледа уште едно лице кое што прво се симна по скалите надолу, гледа во нешто што го држи во рацете по што повторно се враќа нагоре, од скалите се гледаат две НН лица како со трчање се качуваат нагоре по скалите.

18:48:53 Повторно се гледа друго НН лице кое што се симнува по скалите, за кратко време со трчање по скалите се симнува и друго лице по што првото лице во 18:49:27 се качува нагоре по скалите.

18:49:50 Се забележуваат повеќе НН лица како се симнуваат надолу по скалите, а во 18:50:00 се забележува обвинетата Елена Божиновска која носи циклама сако како се приближува кон средниот дел од балконот и погледнува надоле по кратко време заминува во правец од каде што дојде, а на истото место доаѓа обвинетиот Иван Цветановски во 18:50:22 за кратко погледнува надоле и тој се враќа према правецот од каде што дојде.

18:50:42 Се гледа обвинетата Елена Божиновска како со трчање се упатува према скалите, а позади неа е обвинетиот Иван Цветановски се симнуваат по скалите.

18:51:09 Се гледа како луѓе со трчање се качуваат нагоре по скалите.

18:51 Се гледа обвинетата Елена Божиновска како со трчање се враќа од правецот од каде што дојде.

18:51:40 На средина од балконот и странично на скалите се гледаат повеќе од обезбедувањето во Собранието како мавтаат со рацете надоле, во меѓувреме повторно се гледа обвинетата Елена Божиновска како доаѓа до скалите и се враќа назад, а во 18:52:02 се забележува и пратеникот А. М..

18:52:11 Се забележува како група на луѓе се качуваат нагоре по скалите меѓу кои се гледа и лице со црна фантомка, меѓу кои се гледа и лице со црна безбол капа и црна облека, лице со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави и торбичка преку рамото, а на маицата на предната страна има апликација, се забележува и лице кое што носи знаме во рацете, се гледа и обвинетиот Младен Додевски кој носи сини бермуди, сива маица и црна фантомка на главата.

18:52:29 Сеуште се гледа како се качуваат луѓе по скалите нагоре, а воедно се видоа и неколку припадници на Единицата за брзо распоредување како се качуваат нагоре по скалите.

18:53:16 Се забележува како дел од луѓето се симнуваат надолу по скалите.

18:54:01 Се забележува обвинетата Елена Божиновска како за кратко се упатува према почетокот на скалите кои водат надоле по што се враќа назад во правецот од каде што дојде 18:54:23 се забележува обвинетиот Иван Цветановски како доаѓа до средниот дел од балконот, погледнува надоле и повторно се враќа од правецот од каде што дојде.

18:54:24 Се забележува пратеникот Н.Т..

18:54:30 Во левиот горен дел од снимката се забележува обвинетиот Стефан Младеноски кој носи црно безбол капче на главата, црна фантомка и црна облека на себе. Истиот се симнува по скалите надоле, а веднаш после него се симнува уште едно НН лице облечен во црна облека со црна фантомка на главата.

18:55:23 Се забележува обвинетата Елена Божиновска како повторно доаѓа до скалите и се враќа назад.

18:56:12 Се забележува обвинетиот Иван Цветановски како застанува на средина од балконот, позади него доаѓа и обвинетата Елена Божиновска, застануваат еден до друг.

18:56:36 Се забележува од скалите како се качува нагоре НН лице со црна фантомка на главата, најпрвин ракоплеска, а потоа се гледа како повикува некого и продолжува да се качува по скалите.

18:56:44 Кон балконот доаѓа обвинетиот Младен Додевски кој носи сини бермуди  и сива маица со кратки ракави и црна фантомка на главата.

18:56:40 Кон балконот прв доаѓа лице со фантомка црна на главата и дречливи зелени патики и се наведнува кон средината на балконот, веднаш позади него се гледа како доаѓа обвинетиот Младен Додевски кој претходно го опишав, кон средина на балконот со поглед свртен надоле доаѓа и обвинетиот Стефан Младеноски кој носи црно безбол капче, црна фантомка и црна облека на себе, а позади нив е и обвинетиот Дејан Давидовски кој носи бела маичка со кратки ракави, префрлена торбичка преку рамото и црна фантомка. Позади него од кај столбот од скалите доаѓа и уште едно НН лице во црна облека со црна фантомка на главата.

18:56:50 Лицата, обвинетите Младен Додевски, Стефан Младеноски, Дејан Давидовски се гледа како со рацете повикуваат некого од долниот дел на Собранието по што заминуваат надолу по скалите, а обвинетиот Младен Додевски во 18:57:21 се гледа сеуште како стои на скалите.

18:58:05 Се гледа обвинетиот Иван Цветановски како доаѓа до почетокот од скалите, гледа во мобилниот телефон и се враќа назад по што обвинетата Елена Божиновска доаѓа до скалите и застанува на средниот дел од балконот, а до нејзе е и обвинетиот Горан Ѓошевски.

18:58:45 Обвинетите Горан Ѓошевски и Иван Цветановски се враќаат према правецот од каде што првично дојдоа, а обвинетата Божиновска останува да стои на средина од балконот со погледот свртен надоле.

18:59:30 Обвинетата Божиновска се упатува надолу према скалите каде застанува.

19:00:30 Од долниот дел на скалите се гледа како две НН лица со маски на главите почнуваат да се качуваат нагоре од кои што едното е со рацете во вис и се гледа како да повикува други луѓе кон него по што продолжуваат да се качуваат нагоре по скалите, а за сето време на скалите стои обвинетата Елена Божиновска.

19:01:05 Обвинетата Божиновска се враќа према правецот од каде што дојде.

19:01:01 Се гледа лице со црно безбол капче, црна фантомка и црна облека на себе како од скалите се качува нагоре, се гледа лице со црна

фантомка, црна маица со кратки ракави и црни три-четврт панталони како се качува по скалите, а од претходната снимка се виде дека тоа всушност е обвинетиот Илија.

19:01:13 Се гледа лице со сива долна тренерка, црна маица со кратки ракави и црна фантомка на главата и во моментот облекува тренерка на себе, од претходните снимки по облеката тоа е обвинетиот Горанче Анѓеловски.

19:01:56 И понатаму се гледа како луѓе се качуваат по скалите нагоре, воедно 19:02:20 се забележува како дел од луѓето се симнуваат надоле.

19:02:30 Се гледа обвинетиот Иван Цветановски како повторно доаѓа до средината на балконот, гледа надолу и по кратко време се враќа према правецот од каде што дојде.

19:02:58 Од десниот дел на снимката се гледа присуство на камермани и фоторепортери.

19:03:31 Кон средината на балконот приоѓа обвинетиот Дејан Давидовски со црни панталони, бела маица со кратки ракави, црна торбичка преку рамото, црна фантомка и со апликација на предниот дел од маицата.

19:04:12 Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како за кратко застанува на средина од балконот и повторно се враќа према правецот од каде што дојде.

19:04:36 Се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски со сива долна тренерка, црна блуза со долги ракави, фантомка на главата, како застанува на почетокот од балконот, а непосредно десно од него застанува и обвинетиот Иван Цветановски.

19:05:07 Обвинетиот Горанче Анѓеловски седнува на една од столиците во средината на холот заедно со три НН  лица од кои две со фантомки.

19:06 Се гледа како обвинетиот Игор Југ без маска застанува на средина од балконот, а од десните скали гледано на оваа снимка се качува еден од припадниците на Единицата за брзо распоредување при што се приближува кон средниот дел од холот и зима шишиња со вода од едно од НН лицата со фантомки кои што седеа на средината на холот.

19:06:19 На балконот до обвинетиот Игор Југ од неговата лева страна застанува и обвинетиот Горанче Анѓеловски кој носи сиви тренерки и црна фантомка на главата по што се виде дека обвинетиот Горанче Анѓеловски го вади горниот дел од облеката, го врзува околу половината и останува по црна маица со кратки ракави, а во левиот дел на снимката горе се забележува како доаѓа обвинетиот Захарие Симовски со црна тренерка и бела голема хоризонтална линија на средината и црна фантомка на главата.

19:07 Се забележува обвинетата Елена Божиновска како приоѓа на средина од балконот и застанува од левата страна веднаш до обвинетиот

Игор Југ и по кратко време заминува. Во предниот дел од снимката се гледа обвинетиот Захарие Симовски 19:07:11 како носи црни панталони, црна тренерка со долги ракави, бела голема хоризонтална линија, бела капуљача и црна фантомка на главата, десно од него гледано према снимката, а од негова лева страна стои обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство носи сини фармерки, црна маица, бела маица со црна апликација со кратки ракави и црна фантомка на главата,  а во позадина десно од обвинетата Елена Божиновска која носи циклама сако се гледа обвинетиот Младен Додевски кој носи сини бермуди, сива маица со бело напред и црна фантомка.

19:07:23 Обвинетиот Младен Додевски се приближува кон обвинетите Захарие Симовски  и Дејан Давидовски, а веднаш до него доаѓа и обвинетиот Михаел Младеноски кој носи бели патики, црни панталони, црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана околу половината и црна фантомка на главата. Кон нив приоѓа во 19:07:29 и обвинетиот Митре Питроповски кој носи црна фантомка на главата, црна тренерка со долги ракави горна, црна долна тренерка и црвени патики.

19:07:30 се гледа обвинетиот Игор Југ како се движи во средината од овој хол и за кратко се прегрнува со обвинетиот Михаел Младеноски, а покрај нив поминува и обвинетиот Вилијам Михајловски со црна маица со кратки ракави, бел натпис на грбот на маицата и темно црвена блуза врзана на половината. Обвинетиот Вилијам Михајловски застанува на средината на балконот по што се приближува кон средниот дел каде што стои обвинетиот Дејан Давидовски, а тука се и обвинетите Захарие Симовски, Митре Питроповски.

19:08:30 Последниот дел од снимката се гледа обвинетиот Игор Југ како стои и одеднаш тргнува и со двете раце некаде во средината на задниот дел од грбот ги мести рацете по што повторно ги враќа покрај телото.

19:08:06 Се забележува обвинетата Божиновска како му приоѓа на обвинетиот Игор Југ, нешто на кратко му кажува по што си заминува во правецот од каде што дојде.

19:08:39 Како што беше и претходно опишано, толпата трнува од средината на холот и се упатува на левиот дел од снимката. На снимката останува да се гледа само обвинетиот Митре Питроповски, кој носи црна фантомка, црна блуза со долги ракави, црни панталони, црвени патики.

19:09:35 На снимката се забележува 19:09:35 како две НН лица од средината на холот скандираат со рацете и се приближуваат кон балконот. Се забележува симнување на луѓе по скалите надоле.

19:10:13 Се забележува обвинетиот Иван Цветановски со телефонот во рацете како приоѓа кон средниот дел од балконот, по што повторно се враќа во правецот од каде што дојде.

19:10:59 На снимката во горниот дел точно пред завршетокот на скалите се уште се гледа како стои обвинетиот Митре Питроповски.

19:11:44 Повторно се гледа обвинетиот Игор Цветановски како доаѓа до средината на балконот потоа остава нешто на масата во средниот дел од холот и се враќа према правецот од каде што дојде.

19:12:46 Во горниот лев дел од снимката се гледа НН лице со црна фантомка на главата и во црна облека.

19:13:13 Обвинетата Божиновска повторно приоѓа према балконот, застанува до истиот, гледа надолу, до нејзе доаѓа на кратко обвинетиот Иван Цветановски, по што обвинетата Божиновска се враќа во правецот према, од кој дојде.

19:15 Во горниот лев дел од снимката се гледаат две НН машки лица со фантомки.

19:15:16 На снимката се гледа као со трчање се качува НН лицето со црна фантомка на главата по што обвинетата Божиновска приоѓа према скалите и на кратко застанува, а потоа се качуваат и други луѓе по скалите нагоре.

19:15:30 Се забележува поголема група на граѓани како се качуваат по скалите.

19:15:43 Се забележува НН машко лице како застанува на средина од балконот и со рацете повикува надоле.

19:16:09 Во долниот дел на снимката се забележува обвинетиот Горан Ѓошевски како со трчање се упатува према десниот дел од оваа снимка, а каде претходно се упати едно лице кое што се гледа дека не е од вработените во Собранието, а позади него се движи и друго машко лице со бела маица со кратки ракави, сиви панталони и црна торбичка преку рамото префрлена.

19:16:11 Се забележува обвинетиот Горан Ѓошевски како со левата рака покажува нешто према левиот дел од оваа снимка. Позади него доаѓа обвинетиот Иван Цветановски, по што се гледа како луѓето во десниот дел кои се упатија према снимката, се упатуваат према спротивниот правец.

19:16:23 Обвинетиот Иван Цветановски се забележува во долниот дел од снимката како некого повикува со раката и за момент се губи од снимката, по што во 19:16:27 истиот со десната рака повикува накај спротивната страна, односно во левиот дел од оваа снимка, а на снимката од десните скали се гледа како се качуваат и други луѓе. Групата луѓе се упатува према правецот каде што тргна и обвинетиот Иван Цветановски.

19:16:47 Обвинетиот Иван Цветановски повторно се гледа како се враќа на кратко во десниот долен дел од снимката, по што одма се враќа назад према правецот од каде што дојде.

19:17:23 Обвинетиот Иван Цветановски застанува на средниот дел од балконот, а позади него стои лице со фантомка, црна фантомка на главата.

19:18:48 На снимката се гледаат како едно лице седи на средината на холот, три лица се движат странично и едно лице со црна облека и црна фантомка на главата се движи по истиот овој хол.

19:19:24 На левиот дел од снимката се забележува група граѓани како се симнуваат надолу по скалите, меѓу кои има и лица со фантомки на главите.

19:20:32 Повторно се гледа движење во левиот дел од снимката така што лице со фантомка на главата се придвижува кон скалите и застанува на почетокот од истите со погледот свртен надоле, во горниот лев дел од снимката се гледа обвинетиот Захарие Симовски со црна тренерка, со бела хоризонтална линија на средината, со црна фантомка на главата, а позади него обвинетиот Стефан Младеноски со црно бејзбол капче, црна фантомка и црна облека.

19:21:35 Се гледа обвинетиот Михаил Младеноски кој носи црна фантомка, црна маица со кратки ракави, црни пантолони, бели патики, разговара на телефон, по што се враќа кон средниот дел од холот, а потоа се упатува по скалите, па застанува на средина од балконот, погледнува надоле, по што застанува левиот горен дел од снимката.

19:22:22 Истиот со левата рака скандира нагоре и разговара на телефон, а се гледа аплаудирање и од другите лица кои се присутни во холот како од лицата со фантомки, така и од лицата без фантомки.

19:22:40 Во левиот горен дел од снимката се гледа и обвинетиот Младен Додевски со сини бермуди, сива маица со кратки ракави, бела апликација и црна фантомка, а пред него е обвинетиот Захарие Симовски со бела хоризонтална линија на црната тренерка.

19:22:44 На средина од балконот се гледа обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка, црна облека на себе, кој со едната рака повикува према надоле. Истиот се упатува према скалите надоле и застанува свртен со погледот надоле.

19:23:19 Повторно се гледа обвинетиот Митре Питроповски со црвени патики, црна облека и црна фантомка на главата, кој во 19:23:32 застанува на почетокот од балконот, а веднаш до него приоѓа обвинетиот Горан Ѓошевски.

На снимката во 19:23:53 во горниот лев дел од снимката, повторно се гледа обвинетиот Михаил Младеноски во црни пантолони, црна маица со кратки ракави, црна фантомка како разговара на телефон.

19:24:23 Во левиот дел од снимката поточно на почетокот од скалите, се гледа лице во црна облека, со фантомка на главата како е свртен со погледот надолу и повикува со раката.

19:24:31 Кон балконот приоѓа и обвинетиот Иван Цветановски.

19:24:45 Во левиот дел од долниот дел од снимката се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како разговара на мобилен телефон, по што повторно се враќа со трчање према правецот од каде што дојде, а од скалите се гледа качување на поголема група на граѓани.

19:25:04 Во средниот дел од снимката во холот на една од фотелјите на кратко седнува обвинетиот Стефан Младеноски кој носи црна облека, црно безбол капче, црна фантомка и црна капуљача на главата, по што истиот веднаш се враќа према правецот од каде што дојде.

19:25:17 На снимката се гледа поголемо раздвижување на луѓе, истите се качуваат и од десните и од левите скали на оваа снимка и се упатуваат нагоре.

19:26:09 Кон средина на балконот застана на кратко обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче и црна фантомка на главата и црна капуљача, по што се приближи кон средниот дел од холот, седнува на една од фотељите, се гледа дека носи црно безбол капче и дека во овој момент фантомката му е поттргната.

19:26:56 Се гледа убаво обвинетиот Стефан Младеноски, истиот стои во средина на снимката, пие вода и разговара со некој од присутните луѓе.

19:27:45 Во холот се забележува поголема група граѓани како и на камермани, се забележува и лице кое носи знаме.

19:28:56 Во горниот лев дел од снимката во правецот од скалите нагоре, односно право гледано се забележува движење на граѓани.

19:29:38 Се забележува обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, без маска на главата, како се движи во средина на холот, со црна блуза со долги ракави.

19:30:00 Се забележува намалено присуство на луѓе во овој дел од холот.

19:30:13 Од десната страна под десните скали се појавува припадник на Единицата за брзо распоредување при МВР на РМ, по што истиот за кратко се симнува надолу по истите скали.

19:31:28 Се забележува група од неколку луѓе како се симнува по десните скали надоле, а во исто време и од левата страна се симнуваат луѓе.

19:31:48 Се забележува најпрвин обвинетиот Стефан Младеноски со црна блуза со долги ракави, црно капче и црна капуљача на главата, а кон него приоѓа и обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни панталони, црна блуза врзана на

половината и бели патики, истите разговараат со уште две НН лица, се гледа гушкање помеѓу обвинетиот Михаел Младеноски и едно НН лице во 19:32:45, по што следи и сликање со мобилен телефон, а на сликањето се придружува и обвинетиот Стефан Младеноски, се поздравува со НН лицето и обвинетите Стефан и Михаел Младеноски заминуваат надоле по левите скали.

19:33:55 Се забележува движење на луѓето од кои дел застануваат пред балконот, а дел се симнуваат по скалите од десната страна.

19:34:10 Кон балконот приоѓа обвинетиот Иван Цветановски, застанува во средниот дел со погледот свртен надоле, по што истиот во 19:34:35 заминува према правецот од каде што првично дојде.

19:35:44 Обвинетиот Иван Цветановски повторно доаѓа према средниот дел од балконот, застанува до некои НН лица и разговара со истите.

19:36:20 Кон средина на балконот приоѓа и обвинетата Елена Божиновска која носи циклама сако.

19:37:35 Во левиот дел од снимката се забележува како луѓе се симнуваат по скалите надоле.

19:40 Се виде тројца луѓе од масата народ што се качија горе, а потоа повторно се симнаа по левите скали надоле по што повторно имаме качување на три НН лица од масата во холот наречен „Длаборез“.

Има две лица кои константно седат на фотелјите,  лица со знаме со долга дршка се доближува до лицата кои седат на фотелјите во холот тоа е во 19:43:09. Тоа лице со знамето се симнува по скалите надоле.

Од 19:43 до 19:44 има поединечни симнувања на лица од толпата народ.

Во 19:44:37 Две лица со врзани знамиња на грбот се потпираат на балконот кој гледа према скалите, потоа се тргаат од таму и се упатуваат пред левите скали. Овие лица повторно се доближуваат до балконот едното седнува, после одеднаш станува, другото лице со знаме на грбот се гледа дека снима со мобилниот телефон, тука доаѓа и лице, службено лице од ЕБР, кратко застанува по што продолжува.

19:46:56 Се гледа овластено лице од ЕБР како разговара со лице во цивилна облека во холот доаѓаат пет овластени лица од ЕБР истите се качија по скалите од десната страна

19:48:26 Едното лице од ЕБР се симнува, а еден останува на балконот од холот, повторно се качува овластеното лице од ЕБР и заедно со тоа лице кое беше на балконот, односно едниот седна, а другиот застана на балконот, тоа е во 19:49:38. Тука седат три лица од масата народ која е влезена во Собранието. Во горниот лев агол се гледаат четири лица како се симнуваат по левите скали надоле, тоа е во 19:50:24.

Во 19:50:40 Едно од лицата со заврзано знаме на грбот збореше на телефон кај терасата и имаше кренато рака.

19:51:21 До него се доближува и второто лице со врзано знаме на грб.

19:51:46 Едно од лицата со врзано знаме седнува на фотељите.

По левите скали доаѓаат три лица во 19:52:14 од масата народ.

19:53:16 На балконот лице од масата разговара со овластено лице од ЕБР.

Во 19:53:48 Овластеното лице од ЕБР се симнува по десните скали надолу, низ простор кај другите негови колеги.

Во 19:54:18 Три лица од ЕБР се качуваат во холот по десните скали и седнуваат на фотељите.

Во 19:54:55 Доаѓаат уште две овластени службени лица од ЕБР во холот, исто така по десните скали.

Во 19:55:41 Доаѓаат уште две овластени службени лица од ЕБР.

Се гледа обвинетата Елена Божиновска во 19:56:10.

Во 19:57:37 Лицата со знамиња на грбот се симнуваат по левите скали. Се гледа обвинетиот Иван Цветановски на терасата од балконот.

Се гледаат овластени службени лица од ЕБР повеќето разговараат на телефон во 20:00 часот.

Обвинетата Елена Божиновска се враќа кон вратата од кабинетот во 20:01 часот.

20:02:16 Од десните скали доаѓаат уште две овластени службени лица  со штитови од ЕБР, а со нив доаѓаат и група на шест луѓе од масата народ која е влезена во Собранието.

Овластените службени лица стануваат од местото каде што седеа повеќе, не се гледаат на екранот.

По левите скали се качуваат лица од масата народ, а од десните скали се качува едно лице, доаѓа во холот, разговара на мобилен телефон, се враќа назад по истите скали. Се гледа и обвинетата Елена Божиновска како стои на балконот со мобилен по што повеќе не се гледа на екранот.

Од десните скали се качува и уште едно овластено службено лице од ЕБР, тој истиот веднаш повторно се симнува по скалите, се гледа службено лице како разговара со еден од протестантите кој седи на една од фотелјите, се качуваат шест овластени службени лица од ЕБР од кои пет носат штитови, моментално на екранот е само едно лице од протестантите во бела јакна кој седи на една од фотељите. Се гледа овластено службено лице како доаѓа до балконскиот дел на холот погледнува надоле по што се враќа од каде што дошол, се гледа уште

едно овластено службено лице од МВР како разговара на мобилен и повторно се гледа истото лице како седи на фотелјата во холот. Овластено службено лице од ЕБР се симнува надоле по левите скали. Три лица од масата народ се симнуваат надоле по левите скали, а едно лице од масата народ се качува по десните скали во холот и разговара на мобилен телефон. По левите скали се качуваат три лица од масата народ, а по нив уште три. Три лица од масата народ седнуваат на фотелјите од кои едното лице со знаме врзано и кое му виси на грбот. Доаѓа и второто лице со знамето на грбот исто така седнува на фотелја.

Се гледа бела светлина и уште една, се гледаат лица од толпата кои се симнуваат по левите скали. Лицата со знамињата стануваат од фотелјите и едниот од нив фотографира. Се гледаат две лица од толпата како разговараат меѓу себе. По левите скали се качија пет лица од толпата, две лица од толпата се симнуваат, но уште едно лице се качи по левите скали, по него доаѓаат уште две лица по левите скали. По левите скали се качуваат повеќе овластени службени лица од ЕБР. Се гледаат три лица од толпата со кои разговара обвинетата Елена Божиновска, по левите скали се качува толпа народ. Повторно се качува толпа народ по левите скали. Дел од толпата народ се симнува по левите скали. По левите скали се качуваат повторно луѓе од толпата, дел од луѓето од толпата застануваат на оградата на холот и гледаат надоле. Има континуирано качување на лица од толпата по левите скали. Во горниот лев агол се гледа поголема маса народ. Во горниот лев агол, па се до скалите се гледа поголема толпа народ. Се гледа лице во розева маица, темни панталони и со тегет џемпер како аплаудира, а и повеќе лица аплаудираат. Толпата народ се зголемува. Се гледа и лице со маска во сиви тренерки. Се гледа маса народ како се шета, но поголемиот дел од масата е сконцентриран во горниот лев агол.

20:54:55 се гледа бел чад и како делови од плафонот паѓаат на земја, дел од масата на народ ја крши масата и инвентарот. Едно лице во зелена блуза зема дрво во рака и се упати кон левиот агол. Се гледа како лица од масата народ преку оградата повикуваат други лица да се качат горе. Се гледа како лице од масата турка дрвен плакар или клупа, а и други лица туркаат клупа и уништуваат дел, добар дел од намештајот. Се гледа како повеќе лица од толпата со делови од намештајот се движат кон левиот агол, а поголемиот дел од толпата се наоѓаат на левите и на десните скали. Се гледа како дел од толпата со предмети фрла кон левиот агол. Меѓу толпата народ се гледа и лице со фантомка на глава. Масата народ аплаудира. Имаме движења на масата народ, но најповеќе околу левите скали. Холот „Длаборез“ повторно е полн со маса народ.

Во 21:06:00 нема повеќе снимка, не се појавува снимка од настаните во Собранието, а тоа е најверојатно кога снемува струја.

На оваа снимка повторно се гледаше холот „Длаборез“ но од спротивен правец и повторно се видоа дел од обвинетите. На снимката јасно беше

виден обвинетиот Горан Ѓошевски Леви, а во негова близина имаше група на насилно влезената толпа народ. Воедно на дел од снимката беше забележан обвинетиот Игор Југ како се движи во средината од овој хол и за кратко се прегрнува со тогаш обвинетиот, сега амнестиран Михаел Младеноски, а покрај нив поминува и обвинетиот Вилијам Михајловски. Обвинетиот Игор Југ е забележан како стои и одеднаш тргнува и со двете раце некаде во средината на задниот дел од грбот ги мести рацете по што повторно ги враќа покрај телото.

USB 4-фајл 20170428184822 камера 10

На ова снимка се гледа малиот ходник кој води од хол „Длаборез" кон сала 3, тоа е Прес салата.

Снимката започнува со време 18:45:15 во овој момент на снимката во холот не се гледаат луѓе, туку во горниот дел од снимката се гледа движење на луѓе.

18:45:37 Се гледа обвинетиот Иван Цветановски како поминува по ходникот. Во горниот дел од снимката на крајот од овој ходник се гледа движење на луѓе кои влегуваат и излегуваат во холот што се гледа после овој ходник, но во ходникот се уште нема луѓе.

18:49:19 Се гледа обвинетиот Иван Цветановски како од холот „Длаборез" со трчање влегува во малиот ходник, а на почетокот од ходникот сеуште се гледа движење на повеќе луѓе.

18:49:47 Обвинетиот Иван Цветановски излегува од просторијата од која претходно влезе и повторно се враќа во холот „Длаборез".

18:52:24 Во горниот дел од снимката на почетокот на ходникот се гледа како се насобира поголема група на граѓани кои влегуваат во овој ходник, прв во групата се гледа обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, црна маица со кратки ракави, тегет фармерки, кој на почетокот не носи маска на главата, а потоа става црна маска на главата, позади десно од него се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски кој со трчање се приближува, го удира по рамо обвинетиот Никола Митревски, се свртува за кратко према него по што застанува прв пред групата, пред толпата луѓе која што е влезена во овој ходник и продолжува понатаму, а во толпата помеѓу другите луѓе се гледа и обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка, црна блуза со долги ракави и темни панталони, позади него се гледа обвинетиот Младен Додевски со сини бермуди, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и црна фантомка на главата. Се гледа и обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство, со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави со црна апликација на предната страна и црна торбичка префрлена преку рамото, а веднаш позади него е и обвинетиот Митре Питроповски кој носи црвени патики, црни панталони, црна блуза со долги ракави, црно безбол капче и не носи маска.

18:52:55 Се гледа како едно лице од оние што влегоа во ходникот со раката повикува и други луѓе.

18:52:59 Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски во правец како се движи во правец према холот „Длаборез“. Во горниот дел од снимката, поточно во холот „Длаборез“ се гледа дека има присуство на повеќе луѓе. Во малиот ходник се гледа движење на неколку луѓе кои од истиот влегуваат во холот „Длаборез“.

18:54:20 Се гледаат обвинетите Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна маска, црна облека, а позади него обвинетиот Митре Питроповски со црвени патики, црна фантомка на главата и црна облека како се враќаат кон холот „Длаборез“.

18:54:28 Во ходникот се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски повторно, за кратко се задржува, а потоа повторно се враќа во холот „Длаборез“. Во горниот дел на ходникот, поточно во холот „Длаборез“ сеуште се гледа движење на луѓе.

18:56:28 Во долниот дел на снимката се гледа обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, темни фармерки, црна блуза со долги ракави и фантомка на главата како со трчање оди во правец према холот „Длаборез“, позади него се гледа обвинетиот Младен Додевски со сини бермуди, сива маица со кратки ракави и црна фантомка на главата.

18:56:31 Во горниот дел од снимката поточно од холот „Длаборез“ во овој ходник се гледа како обвинетиот, како влегува обвинетиот Горан Ѓошевски, истиот се разминува со обвинетиот Никола Митревски, се поздравуваат и имаат некоја гестикулација со рацете, по што обвинетиот Никола Митревски продолжува во правец према холот „Длаборез“, а обвинетиот Горан Ѓошевски продолжува да се движи по овој ходник во спротивна насока од холот „Длаборез“.

18:56:52 Повторно се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски со мобилен телефон во рацете како се враќа према холот „Длаборез“.

18:59:09 Во ходникот се гледа како влегува од холот „Длаборез“ обвинетиот Иван Цветановски. Во долниот дел од снимката се гледа движење на неколку НН машки лица.

19:01:13 Повторно се гледа обвинетиот Иван Цветановски како се враќа према холот „Длаборез“, позади него се движи НН женско лице.

19:01:21 Од холот „Длаборез“ во малиот ходник влегува поголема група на граѓани меѓу кои прв се гледа обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, темни фармерки, без маска на лицето, со црна блуза со долги ракави, во рацете држи фантомка која потоа ја става на главата.

19:01:36 Се гледа обвинетиот Илија Славевски со црни панталони три-четврт, црна маица со кратки ракави и црна фантомка кој за кратко застанува пред, застанува во овој ходник, се врти во правец према холот

„Длаборез“, разговара со друго лице кое се приближува кон него и носи црвени патики, црна облека, црна фантомка на главата, а тоа е обвинетиот Митре Питроповски.

19:01:49 Се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски со сива долна тренерка, црна блуза со долги ракави и црна фантомка на главата. На снимката се гледаат и други луѓе како од холот „Длаборез“ влегуваат по овој ходник, а кој ходник води кон сала 3, Прес. Во горниот дел од снимката на почетокот од овој ходник се уште има движење на повеќе луѓе. Во долниот дел од снимката во правец од Прес према холот „Длаборез“ се гледаат обвинетите Митре Питроповски со црвени патики, црна облека и црна фантомка на главата и Горанче Анѓеловски со сива долна тренерка, црна блуза со долги ракави и црна фантомка, а позади нив има и две НН лица со фантомки на главите. Во долниот дел на снимката се гледаат две НН машки лица како разговараат по што едниот од нив продолжува во правец према холот „Длаборез“. Во горниот дел од снимката на почетокот од ходникот се гледа дека во холот „Длаборез“ има движење на повеќе луѓе.

19:08:22 Во долниот дел на снимката во правец од Прес према хол „Длаборез“ се гледа обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка, црна блуза со долги ракави, темни фармерки и истиот се гледа дека влегува во холот „Длаборез“

19:08:48 Во правец од хол „Длаборез“ према Прес влегува поголема група на луѓе меѓу кои прв е обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче на главата, црна фантомка, црна блуза со долги ракави и темни фармерки, веднаш до него десно гледано према снимката е обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни панталони и бели патики и црна блуза врзана на половината, во позадина има друго НН машко лице, веднаш позади нив двајца со црна фантомка на главата, а позади ова НН машко лице се гледа обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела голема хоризонтална линија на предната страна и темни панталони, истите се движат во правецот према Прес, позади обвинетиот Захарие Симовски се гледа обвинетиот Игор Југ со сини фармерки, црна маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна, кој не носи маска, позади него лево дијагонално се гледа обвинетиот Младен Додевски со сина маица со крати ракави, со бела апликација на предната страна, со сини бермуди и црна фантомка на главата, веднаш позади него десно е и обвинетиот Вилијам Михајловски со црна маица со кратки ракави, бела апликација на предната страна, темни фармерки и со црвена блуза заврзана на половината и не носи маска. Меѓу групата на луѓе се гледа и Дејан Давидовски кој е во бегство, со бела маичка со кратки ракави, со црна фантомка на главата, со црна торбичка префрлена преку рамото и со црна апликација на предната страна од маицата, меѓу групата луѓе се гледа и обвинетиот Горан Ѓошевски кој се движи меѓу, помеѓу две НН машки лица во правец према Прес салата. На снимката се гледа НН

машко лице со црна фантомка на главата. Во ходникот се гледа движење на повеќе луѓе меѓу кои и вработени од Собранието.

19:10:46 На снимката се гледа обвинетиот Абдулъфета Алими како се движи во правец према Прес салата.

19:12:05 Се гледа движење на НН машки лица во правец од Прес салата према холот „Длаборез“.

19:12:30 Од холот „Длаборез“ во ходникот се гледа обвинетиот Иван Цветановски кој ги проверува вратите во овој ходник, влегува во една од нив и за кратко излегува по што разговара со НН машко лице во малиот ходник и повторно се враќа во холот „Длаборез“.

19:13:13 Во ходникот од правец Прес сала према холот „Длаборез“ се гледа како се движат две НН машки лица со фантомки на главите, а позади нив е обвинетиот Вилијам Михајловски со темни фармерки, црна маица со кратки ракави со бел натпис на задниот дел од маицата, црвена блуза врзана на половината без маска. Истите се гледа дека влегуваат во холот Длаборез.

19:15:05 Се гледа обвинетиот Никола Митревски во правец од кај Прес салата према холот „Длаборез“ кој носи зелени патики, темни фармерки, црна блуза со долги ракави и црната фантомка му е кревата само на горниот дел од главата, а воедно зборува на мобилен телефон. Се гледа како истиот влегува во холот „Длаборез“. Се гледа трчање на две НН машки лица во долниот дел на снимката кои влегуваат во холот „Длаборез“.

19:15:47 Во ходникот влегува поголема група на граѓани кои се движат во правецот од холот „Длаборез“ према Прес салата, меѓу првите како се пробива обвинетиот Вилијам Михајловски кој носи црна маица со кратки ракави, темни фармерки и бела апликација на предната страна од маицата, не носи маска и се гледа како истиот им покажува правец на останатите луѓе, по што тој продолжува прв да се движи во правец према Прес салата, помеѓу групата на луѓе се гледаат НН лица со фантомки на главите.

19:16:30 Во горниот дел од снимката во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата покрај десниот ѕид гледано према снимката се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ кој отвора една од вратите во овој ходник, на кратко погледнува внатре, по што ја затвара вратата, потоа отвора друга врата, се движи меѓу толпата луѓе, проверува уште една врата и продолжува во правец према Прес салата.

19:16:55 Се гледа како во овој ходник меѓу луѓето влегува и обвинетиот Горан Ѓошевски.

19:17:19 Во ходникот влегува обвинетета Елена Божиновска во правец од ходник „Длаборез“ према Прес центарот по што по кратко се враќа према ходникот „Длаборез“ заедно со обвинетиот Горан Ѓошевски.

19:17:59 Во ходникот влегува обвинетиот Иван Цветановски, влегува во една од вратите од овој ходник. На снимката се гледа и вработен од обезбедувањето во Собранието како се движи во правец од Прес салата према холот „Длаборез“, а во меѓувреме обвинетиот Иван Цветановски излегува од просторијата во која претходно влезе и повторно се враќа во холот „Длаборез“.

19:19:04 Во долниот дел од снимката се гледа движење од група луѓе во правец од Прес салата према холот „Длаборез“, а помеѓу нив има и лица со фантомки на главите.

19:20:19 Во долниот дел од снимката во правец од Прес салата према холот „Длаборез“ се гледаат обвинетите Михаел Младеноски со бели патики, црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината, црни панталони и црна фантомка на главата, веднаш позади него обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче на главата, црна фантомка, црна блуза со долги ракави и темни фармерки, а позади него е и обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка, црна блуза со бела капуљача, се гледа дека сите тројца влегуваат во холот „Длаборез“. Во долниот дел на снимката повторно се гледа движење на група луѓе во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“.

19:21:41 Во долниот дел од снимката се гледа обвинетиот Младен Додевски во правец од Прес салата према холот „Длаборез“ кој носи сини бермуди, сива маица со кратки ракави и црна фантомка на главата

19:22:10 Во ходникот се гледа обвинетата Елена Божиновска која доаѓа до средината на овој ходник по што повторно се враќа према холот „Длаборез“.

19:24:17 Во долниот дел на снимката во правец од Прес салата према холот „Длаборез“ се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски кој носи темни фармерки, црвена блуза врзана на половината, црна маица со кратки ракави со бел натпис позади на грбот, не носи маска, истиот влегува во холот „Длаборез“.

19:25:00 Се гледа како со трчање од холот „Длаборез“ према салата Прес влегува НН машко лице, а во позадина се гледа поголема група на луѓе, меѓу нив прв е обвинетиот Захарие Симовски со црни панталони, црна блуза со долги ракави со голема бела хоризонтална линија на предната страна, бела капуљача и црна фантомка на главата. Позади него се движи поголема група на луѓе, меѓу нив е и обвинетиот Вилијам Михајловски со црна маица со кратки ракави, темни фармерки со бела апликација на предната страна кој не носи маска, истиот во еден момент се врти наназад кон групата и повикува со раката по што повторно се врти нанапред и продолжува да се движи во правец према Прес салата, во позадина десно покрај ѕидот од ходникот гледано према снимката се гледа обвинетиот Младен Додевски со сини бермуди, сива маица со кратки ракави, бела апликација на предната страна и црна фантомка на главата. Во позадина

од левата страна на ѕидот се гледа обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, темни фармерки, црна блуза со долги ракави и не носи маска, позади него десно дијагонално покрај десната страна на ѕидот гледано према снимката се гледа и обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни панталони, бели патики, истиот за момент се врти позади него, по што повторно се врти напред и продолжува во правец према Прес салата. На снимката се гледа како влегуваат уште луѓе кои доаѓаат до средина на овој ходник, а потоа се враќаат во правец према холот „Длаборез“ каде се гледа дека има поголема група на луѓе.

19:26:14 Во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата се гледа како влегува поголема група на луѓе, а во долниот дел на снимката покрај левата страна покрај ѕидот гледано према снимката се гледа обвинетиот Никола Митревски како се движи во правец према холот „Длаборез“, со зелени патики, темни фармерки и темна блуза со долги ракави, без маска на главата. Се гледа како истиот покажува со раката station наназад во правец према Прес салата, а покажува на луѓето кои влегуваат во овој ходник во правец од холот „Длаборез“ движејќи се према Прес салата.

19:26:34 На снимката се гледа и обвинетиот Јане Ченто без маска на главата, со црна јакна со долги ракави и црни панталони кој се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата. На снимката сеуште се гледа како луѓе се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата.

19:28:10 Во ходникот влегува обвинетиот Горан Ѓошевски движејќи се во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата.

Во долниот дел на снимката во 19:28:47 се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски со мобилен телефон во левата рака, а со десната рака покажува во правец према Прес салата на луѓе кои се движат во овој ходник, а кои се гледа дека не се вработени во Собранието на РМ, по што обвинетиот се упатува према холот „Длаборез“.

19:29:13 Во долниот дел на снимката се гледа обвинетиот Никола Митревски без маска на главата, со црна блуза со долги ракави, темни фармерки и истиот се движи во правец према холот „Длаборез“ и зелени патики.

19:30 Во долниот дел од снимката се гледа како поголема група на луѓе се движат од Прес салата према холот „Длаборез“.

19:30:23 Во долниот дел на снимката покрај левиот ѕид гледано према снимката се гледа обвинетиот Влатко Трајковски во црни панталони, црна блуза со долги ракави и зелено маскирно елече, истиот држи нешто во десната рака и се движи во правец према Прес салата.

19:30:41 Меѓу групата луѓе во ходникот се гледа и обвинетиот Иван Цветановски кој се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес

салата, а во долниот дел на снимката покрај десниот ѕид гледано према снимката во 19:30:50 се гледа обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни панталони и бели патики на нозете, по што истиот за кратко се враќа према холот „Длаборез“ држејќи мобилен телефон во десната рака, а покрај него се гледа дека се движи и обвинетиот Иван Цветановски и се заприметува кратка конверзација помеѓу нив, по што двајцата продолжуваат према холот „Длаборез“.

19:31:22 Во средниот дел од снимката покрај левиот ѕид гледано према снимката се гледа обвинетиот Младен Додевски во правец од салата Прес према холот „Длаборез“ со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави и сини бермуди.

19:31:32 Во ходникот се гледаат обвинетите Иван Цветановски и Елена Божиновска како се движат меѓу групата луѓе кои се враќаат од Прес салата према холот „Длаборез“.

19:32:01 Во долниот дел на снимката се гледа обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство, со бела маица со кратки ракави, црна торбичка преку рамото, црна фантомка на главата и темни панталони и истиот се движи во правец од Прес салата према холот „Длаборез“. Се гледа обвинетите Иван Цветановски и Елена Божиновска како се враќаат према холот „Длаборез“ заедно со други НН лица кои се движат по овој ходник.

19:32:32 Се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски во средниот дел од снимката со темни фармерки, црвена блуза врзана на половината, црна маица со кратки ракави со бел натпис на задниот дел од маицата и не носи маска, истиот се гледа дека влегува во холот „Длаборез“.

19:34:15 Во ходникот се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски како се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот, истиот не носи маска на главата, има црна маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна, црвена блуза врзана на половината. Во ходникот се гледа движење на лица вработени во Собранието на РМ. На снимката сеуште се гледа движење на луѓе како од холот „Длаборез“ према Прес салата, така и во обратен правец.

19:37:15 На снимката се гледаат меѓу другите луѓе и две НН машки лица со фантомки на главите како се движат во правец од Прес салата према холот „Длаборез“.

19:37:53 Во ходникот влегува повторно и обвинетиот Горан Ѓошевски, разговара со некое лице, а истиот влегува од холот „Длаборез“ и се движи во правец према Прес салата.

На снимката 19:38:28 се гледа НН машко лице како носи големо знаме и се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата.

19:38:45 Во долниот дел на снимката покрај десниот ѕид гледано према снимката се гледа обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни три-четврт панталони кој со левата рака за кратко покажува правец на движење према Прес салата на луѓето кои што влегуваат во овој ходник и се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата.  Се гледа дека обвинетиот влегува во холот „Длаборез“.

19:38:58 На снимката се гледа службено лице од МВР на РМ.  На снимката и понатаму се гледа движење на луѓе во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот.

На снимката и понатаму има само движења на луѓето во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата и обратно. Во горниот дел од снимката се гледа обвинетиот Иван Цветановски како се поздравува со НН лица кои се движат по овој ходник по што заедно со нив се упатува према Прес салата, а потоа повторно се враќа према холот „Длаборез“. На снимката се гледа НН машко лице возрасно со знаме на десното рамо, истиот се движи во правец од Прес салата према холот „Длаборез“. И понатаму се гледа движење на луѓе во правец од Прес салата према холот „Длаборез“. На снимката се гледа НН машко лице со фантомка на главата како влегува од холот „Длаборез“ и се движи према Прес салата. Се гледаат две машки лица со врзани знамиња на нивните грбови, во ходникот се гледаат и обвинетите Елена Божиновска и Иван Цветановски како се движат од холот „Длаборез“ према Прес салата. На снимката се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски со телефонот во рацете како се враќа од Прес салата према холот „Длаборез“. На снимката се гледа обвинетата Елена Божиновска како се враќа према холот „Длаборез“ при што пред да влезе во истиот влегува во една од вратите десно од овој ходник, по што за кратко излегува, повторно се враќа, ја затвара вратата и влегува во холот „Длаборез“. На снимката се гледа обвинетиот Иван Цветановски заедно со уште едно НН женско лице како се движат во правец према холот „Длаборез“. И понатаму има раздвиженост на луѓе во овој ходник во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата. Повторно се гледа обвинетиот Иван Цветановски како се движи од холот „Длаборез“ према Прес салата. Движењето на луѓе од Прес салата према холот „Длаборез“ и понатаму продолжува.

19:59 На снимката се гледа Вилијам Михајловски како се движи во правец од Прес салата према холот „Длаборез“, разговара на мобилен телефон, а е облечен во црна маица со кратки ракави со бел натпис на позадина на грбот, со црна блуза врзана на половината и темни фармерки без маска кој што се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како повторно оди кон Прес салата од холот „Длаборез“, а за кратко време во ходникот, се гледа и обвинетиот Иван Цветановски кој накратко влегува во една од просториите во овој ходник по што излегува и продолжува према холот „Длаборез“. Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како се враќа од Прес салата према холот „Длаборез“ при што за кратко влегува во една од

просториите од десната страна на овој ходник зборувајќи на мобилен телефон по што излегува и продолжува према холот „Длаборез“. На снимката се гледа НН машко лице со врзано знаме на грбот кој се движи во правец од Прес салата према холот „Длаборез“. Се гледаат две НН машки лица како се движат према Прес салата од кај холот „Длаборез“, а во правец од Прес салата према холот „Длаборез“ се гледаат како се движат две машки лица дел од вработените во Собранието.

19:54:45 Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како се движи во правец од холот„ Длаборез“ према Прес салата, држи телефон во раката и цигара во другата рака. Се гледа обвинетиот Иван Цветановски како повторно влегува во овој ходник од холот „Длаборез“ заедно со уште едно НН женско лице се движат во правец према Прес салата, на кратко застануваат во овој ходник, по што истиот повторно се враќа према холот „Длаборез“. Во долниот дел на снимката се гледа НН машко лице со врзано знаме на грбот и чадор во десната рака и истиот се движи во правец од Прес салата према холот „Длаборез“. Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како се враќа према холот „Длаборез“. И понатаму има раздвиженост во ходникот на луѓе во правец од Прес салата према холот „Длаборез“. Во ходникот се гледаат повеќе машки лица за кои дел се гледа дека се вработени во Собранието на РМ по што дел од нив се враќат према холот „Длаборез“, а дел продолжуваат во правец према Прес салата. Во ходникот се гледа службено лице од МВР на РМ. Се гледаат вработени лица во Собранието на РМ како стојат на средина од ходникот разговараат, а покрај нив поминува обвинетиот Вилијам Михајловски кој се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата без маска на главата со црна маица со кратки ракави, бела апликација на предната страна, темни фармерки и црвена блуза врзана на половината и мобилен телефон во рацете. Службеното лице од МВР кое претходно се движеше по ходникот во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата се гледа како се враќа во правец према холот „Длаборез“, а покрај него поминуваат луѓе за кои се гледа дека не се вработени во Собранието. Во горниот дел од снимката од холот „Длаборез“ повторно се гледа како група на луѓе влегуваат во овој ходник и се движат во правец према Прес салата. И понатаму се гледа движење на луѓе во ходникот во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата при што се гледаат и службени лица од МВР во поголем број како влегуваат во овој ходник и се движат во правец према Прес салата.

20:06:45 Едно од службените лица од МВР се врати за кратко према холот „Длаборез“ по што заедно со уште едно друго лице исто така од МВР се движат кон Прес салата. Се гледа движење на две машки лица во ходникот од правец на холот „Длаборез“ према Прес салата кои се дел од вработените на Собранието на РМ, а во ходникот и понатаму продолжува движењето на луѓе кои се влезени во холот на ова Собрание во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата и обратно. Се гледа службено лице од МВР на РМ како влегува во овој ходник во правец на холот „Длаборез“

према Прес салата, се поздравува со друго НН машко лице и продолжува да се движи по ходникот према Прес центарот. Во горниот дел на снимката од холот „Длаборез“ надолу по ходникот се гледа обвинетата Елена Божиновска во 20:09:36 како влегува во една од просториите од десната страна на овој ходник, по што кратко излегува зборувајќи на телефон и повторно се враќа према холот „Длаборез“, за кратко време истата влегува во овој ходник сеуште зборувајќи на мобилен, се движи надолу по ходникот во правец према Прес центарот, по што се враќа назад према холот „Длаборез“.

20:11:11 Во ходникот влегуваат и службени лица при МВР, а во ходникот се гледа и обвинетиот Горан Ѓошевски, истите се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата. Во долниот дел на снимката се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како доаѓа од правец од кај Прес салата, за кратко застанува по што повторно се враќа во истиот правец. Се гледа службено лице при МВР како се враќа према холот „Длаборез“ од кај Прес салата. И понатаму има движење на луѓе кои не се вработени во Собранието на РМ, а се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата. Во горниот дел на снимката повторно се гледа како влегуваат службени лица од МВР 20:14:15, истите се движат од правец од холот „Длаборез“ према Прес салата. Се гледа службено лице од МВР како се движи по ходникот во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата, а во ходникот и понатаму има присуство на граѓани кои не се вработени во Собранието, истите се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата и обратно.

20:16:05 Се гледа службено лице при МВР како се враќа према холот „Длаборез“ од кај Прес центарот, службеното лице кое пред малку се виде како се враќа према холот „Длаборез“ се гледа како се враќа према Прес салата, за кратко позади него по ходникот влегува и обвинетиот Горан Ѓошевски кој се движи во правец према Прес салата, покрај него поминуваат луѓе кои се влезени во ова Собрание. Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски во долниот дел од снимката заедно со уште едно НН машко лице од неговата лева страна гледано на снимката како се враќа према холот „Длаборез“. Во долниот дел од снимката се гледаат вработени лица од МВР како се движат према холот „Длаборез“, а позади нив има дел од луѓето кои што се влезени во Собранието.

20:20:10 Се гледа движење на луѓе и на вработени во МВР по овој ходник, а тука е и обвинетиот Горан Ѓошевски кој влегува од холот „Длаборез“ и се движи во правец према Прес салата, во долниот дел на снимката се гледаат две НН машки лица како стојат, а не се дел од вработените во Собранието, покрај едниот од нив поминува и обвинетиот Горан Ѓошевски и продолжува да се движи во правец према холот „Длаборез“. Повторно се гледа вработено лице од МВР како се движи по овој ходник во правец према Прес салата.

20:22:36 Се гледа НН машко лице со бел мантил и бели ракавици на рацете во средината на снимката, а веднаш покрај него се гледа и службено лице при МВР како се движи по ходникот во правец од Прес салата према холот „Длаборез“. Се гледаат службени лица со забрзано движење како се движат со шлемови на главите од Прес салата во правец према холот „Длаборез“.

20:23:48 Во горниот дел од снимката во ходникот се гледа службено лице од МВР како стои и зборува на мобилен телефон, а покрај него си поминуваат луѓе дел кои што се вработени во Собранието, а дел не се. Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како меѓу повеќе луѓе се движи по овој ходник во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата. Повторно се гледаат неколку вработени службени лица при МВР во 20:25:05 како се движат од Прес салата према холот „Длаборез“, некои од нив имаат шлемови на главите, истите за кратко застануваат во ходникот по што се враќаат повторно назад према Прес салата, а во ходникот влегуваат уште две службени лица при МВР движејќи се во правец према Прес салата. И понатаму се гледа присуство на луѓе во овој ходник, а кои не се вработени во Собранието, покрај нив поминува службено лице при МВР, а во левиот горен дел на снимката во 20:26:25 се гледаат две лица со бели мантили на нив и бели ракавици. Се гледа во долниот дел на снимката обвинетиот Горан Ѓошевски со мобилен телефон во рацете по што повторно продолжува да се движи во правец према Прес салата, а на снимката се гледаат и вработени лица, службени лица при МВР.

На снимката во долниот десен дел се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како стои со мобилниот телефон во рацете и истиот на кратко се упатува во правец према Прес салата.

20:29:30 На снимката во левиот горен дел се гледа НН лице во бел мантил и уште едно лице до него со сина маица со кратки ракави и бели ракавици.

20:29:56 Во ходникот влегуваат службени лица при МВР, сите со шлемови и панцири на себе во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата. Во долниот лев дел на снимката се гледа присуство на уште едно женско НН лице со бел мантил и се гледа дека истите се наведнати надолу, на едното НН женско лице со маичка со кратки ракави има црна торба од која што се гледа дека вади работи кои потоа ги додава на лицето во бел мантил. Обвинетиот Горан Ѓошевски повторно влегува во ходникот од правец од холот „Длаборез“ према Прес салата при што застанува на средина на ходникот, повторно е со телефонот во рацете, стои према лицата во бел мантил. Во горниот лев дел од снимката на една од фотељите се гледа како седи службено лице од МВР. И понатаму се гледа присуство на лицата во бел мантил. Се гледа движење на полициски службеници во правецот од Прес салата према холот „Длаборез“. Во горниот дел од снимката на почетокот од ходникот од каде што се гледа холот „Длаборез“ се уште се гледа присуство на луѓе, како и на службени лица од Министерството за внатрешни работи. Лицата во бел мантил се уште се

гледаат во долниот дел на снимката, не може точно да се види на кого пружаат помош. Се гледа трчање на полициски службеник од МВР од холот „Длаборез“ према Прес салата кој што со раката се гледа дека повикува луѓе по што за кратко стануваат и притрчуваат дел од обезбедувањето во Собранието и други службени лица при МВР и се упатуваат во правец према холот „Длаборез“.

20:38:05 Се гледа дека службените лица застануваат на почетокот од овој ходник. Во меѓувреме притрчуваат поголем број на службени лица од МВР сите со шлемови и панцири, истите застануваат од двете страни покрај ѕидот на овој ходник. Дел од службените лица при МВР се враќаат во правец према Прес салата, а останатиот дел останува да стои на почетокот од ходникот пред холот „Длаборез“, повторно се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како се движи по ходникот со телефонот во рацете во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата при што доаѓа на средина на ходникот, па се враќа назад во правец кон холот „Длаборез“ и влегува во една од просториите во овој ходник. Во горниот дел од снимката се гледа дека се уште стојат службените лица од Министерството за внатрешни работи на почетокот од овој ходник пред холот „Длаборез“. Се гледа во долниот дел на снимката едно НН машко лице со телефонот во рацете кој се движи во правец од холот од Прес до средината на овој ходник и повторно назад. На снимката се гледа службено лице при МВР како се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата во средина на ходникот, истиот како да разговара на телефон или на радио врска. Во горниот дел од снимката сеуште стојат полициските службеници од МВР, точно на почетокот на ходникот, а во холот „Длаборез“ се гледа дека има присуство на луѓе, од правец од холот Прес према, од салата Прес према холот „Длаборез“ доаѓаат неколку полициски службеници и тие со шлемови и панцири на себе и застануваат позади другите полициски службеници на почетокот од ходникот. Се забележува и присуство на дел од обезбедувањето во Собранието како се движи во ходникот позади полициските службеници. Неколку од полициските службеници со панцири и шлемови се враќаат на почетокот на ходникот во правец према Прес салата, а дел остануваат да стојат на почетокот од овој ходник пред холот „Длаборез“ каде што се гледа дека во холот „Длаборез“ има присуство на луѓе од другата страна. Повторно се враќаат дел од полициските службеници со панцири и шлемови на почетокот на ходникот пред холот „Длаборез“ истите застануваат на средина од овој ходник. Во 20:48:50 се гледа дека има некаква координација помеѓу нив по што продолжуваат во правец према холот „Длаборез“ и застануваат позади другите полициски службеници што веќе беа таму.

20:51:30 Полициските службеници и натаму стојат во ходникот пред почетокот на холот „Длаборез“, има комуникација помеѓу нив, а воедно сите се со панцири и шлемови на себе, а од другата страна поточно во холот „Длаборез“ се уште се гледа присуство на луѓе.

20:52:53 Во долниот дел на снимката во правец од салата Прес према почетокот на холот „Длаборез“ се гледаат неколку полициски службеници со панцир и шлемови како носат дрвена скала и се упатуваат точно пред холот „Длаборез“.

20:53:43 Во долниот дел на ходникот се гледа црвен чад кој е на почетокот од холот „Длаборез“, чадот доаѓа во правец од холот „Длаборез“ према овој ходник.

20:54:24 Видливоста на снимката во овој момент е слаба поради чадот кој е проширен насекаде во ходникот.

20:55:22 И натаму се гледа чад на снимката, но се забележува дека полициските службеници и понатаму стојат во овој ходник во правец према холот „Длаборез“ но има и нивно движење на средина по овој ходник.

20:56:20 Видливоста на снимката станува појасна во моментов, во долниот дел од снимката се гледаат неколку службеници со шлемови и панцири како се приклучуваат на останатите колеги кои стојат во ходникот пред холот „Длаборез“, се гледа движење и на дел од собранискoто обезбедување по овој ходник во правец од салата Прес према холот „Длаборез“.

20:57:45 Во долниот дел на снимката во средина на ходникот се гледа полициски службеник со шлем на главата како со десната рака снима со камера во правец према холот „Длаборез“.

20:59:08 На снимката се гледа полициски службеник со шлем на главата и во десната рака носи противпожарен апарат во правец од Прес салата према холот „Длаборез“. Во горниот дел од снимката поточно во холот „Длаборез“ се гледа кренат некаков предмет, а на почетокот од овој ходник точно пред холот „Длаборез“ и понатаму стојат полициските службеници со шлемови и панцири.

21:01:10 Во долниот дел од снимката се гледа полициски службеник како држи нешто на лицето бело, потоа пие вода, а позади него се гледа и друг полициски службеник како со левата рака држи нешто на лицето. Во долниот дел на снимката, во левиот долен дел повторно се гледа НН женско лице со бел мантил во 21:02:15. И понатаму има движење на полициските службеници по ходникот во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата во средина на ходникот и повторно назад, а дел од полициските службеници стојат токму на почетокот од ходникот поточно пред холот „Длаборез“, каде се гледа дека сеуште има присуство на луѓе во горниот дел од снимката.

21:04:50 Во долниот дел на снимката во средината на ходникот повторно се гледа полициски службеник со шлем на главата и како држи нешто бело од страната на лицето.

21:05:05 Се гледа одблесок на снимката во горниот дел, одблесок на снимката во горниот дел од снимката поточно.

21:05:47 Се гледа трчање на лице од дел од обезбедувањето од Собранието кое влегува во една од просториите во ходникот, а позади него се движат две НН женски лица со бели мантили и црни торби во рацете и влегуваат во просторијата позади обезбедувањето кое што прво се виде како трча по ходникот.

21:07:47 И понатаму се гледа присуство на луѓе во холот „Длаборез“, а на почетокот од ходникот се уште стојат полициските службеници со панцири и шлемови на себе.

21:08:40 Се гледа НН машко лице кое што се движи во ходникот во правецот од Прес салата према холот „Длаборез“ и зборува по радио врска, а тоа е сведокот В.Н. помошник командант на ЕБР.

21:09:56 Во долниот дел од ходникот во правец од према Прес салата према холот „Длаборез“ се гледа полициски службеник како носи противпожарен апарат во десната рака, а позади него доаѓа и друг полициски службеник со противпожарен апарат, кои што ги оставаат од десната страна на ѕидот од овој ходник гледано према снимката. Сега пак В. Н. повторно се гледа во долниот дел на снимката 21:10:58 како разговара со дел од полициските службеници кои се со панцири и шлемови на себе.

21:12:10 Во долниот дел од снимката се гледа како стои полициски службеник со шлем на главата и во десната рака држи камера и снима во правец према холот „Длаборез“.

21:12:43 Се гледаат две НН женски лица со бели мантили како излегуваат од просторијата каде што претходно влегоа и се упатуваат во правец према Прес салата.

21:13:45 Во ходникот се гледа придвижување на полициските службеници со шлемови и панцири на себе како се поставуваат точно на почетокот од ходникот пред холот „Длаборез“.

21:14:48 Во горниот дел од снимката поточно во холот „Длаборез“ се гледа некаков чад, а и понатаму се гледа присуство на луѓе во холот, а полициските службеници се уште стојат точно пред овој хол.

21:15:38 И понатаму се гледа полицискиот службеник како снима со камера во правец према холот „Длаборез“.

21:18:10 Полициските службеници со панцир и шлемови и понатаму стојат на почетокот на овој ходник точно пред холот „Длаборез“.

21:19:04 Во долниот дел на снимката во ходникот се гледа полициски службеник кој што е преврзан на главата и се упатува во правец према холот „Длаборез“, на почетокот од ходникот 21:19:25 се гледа НН машко

лице како да е качен на нешто од што се симнува и се упатува према полициските службеници.

21:19:45 Повторно се гледаат две НН лица со бели мантили, со црни торби во рацете како се движат од холот Прес према холот „Длаборез“ при што влегуваат во една од просториите од десната страна на ходникот. НН машкото лице кое што предмалку се виде беше качен на почетокот од ходникот, продолжи да се движи во правец према Прес салата и се гледа дека тоа всушност е пратеникот В. Ѓ..

21:21:01 Во долниот дел од снимката се гледа полициски службеник со преврзана десна рака и разговара на мобилен телефон или радио врска.

21:23:19 И понатаму се гледа движење на полициски службеници со шлемови и панцири како влегуваат и излегуваат во просториите од овој ходник по што застануваат пред холот „Длаборез“.

21:25:30 И понатаму се гледа присуство на луѓе во холот „Длаборез“ во горниот дел на снимката, а воедно и полициските службеници со панцири и шлемови сеуште стојат на почетокот на овој ходник точно пред холот „Длаборез“.

21:28:23 Се гледа како едно од НН женските лица со бел мантил излегува од просторијата каде што претходно влезе, се упатува до средината на ходникот во правец према Прес салата каде што и се придружува, и се придружуваат неколку полициски службеници и повторно се враќа назад во просторијата во која што влезе, потоа за кратко излегува од истата заедно со другото НН лице со бел мантил и влегуваат во друга просторија од овој ходник.

21:29:10 Во горниот дел од снимката во холот „Длаборез“ повремено се гледа затемнување на светлината, а полициските службеници и натаму стојат на почетокот од овој ходник точно пред холот „Длаборез“.

21:30:35 На снимката во долниот дел во средниот дел од ходникот се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски, истиот излезе од една од просториите во овој ходник и се упати во правец према Прес салата.

21:30:55 Се гледа раздвижување на полициските службеници со шлемови и панцири на себе во правец на почетокот од ходникот пред холот „Длаборез“, а во холот „Длаборез“ во горниот дел од снимката и понатаму се гледа движење на луѓе.

21:32:35 Се гледа како полициските службеници со панцири и шлемови влегуваат во холот „Длаборез“.

21:33:25 На снимката се гледа само еден полициски службеник како влегува во овој ходник во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата, во моментот други присутни луѓе во овој ходник нема.

21:33:50 На снимката се гледа едно од двете женски лица со бел мантил како излегува од една од просториите на овој ходник, влегува во друга, за кратко влегува во истата по што се упатува во холот „Длаборез“.

21:34:38 Во ходникот се гледа НН машко лице како стои на средина од ходникот, за кратко покрај него поминува полициски службеник со панцир на себе, а од холот „Длаборез“ се враќа едно од двете женски лица со бел мантил во придружба на полициски службеник со панцир и шлем на себе и влегуваат во една од просториите во овој ходник од десната страна по што за кратко полицискиот службеник излегува од просторијата и се упатува кон холот „Длаборез“, а женското лице со бел мантил излегува од таа просторија и влегува во соседната, исто така од десната страна на овој ходник гледано во правец према снимката.

21:36:35 Повторно женското лице со бел мантил со трчање излегува од просторијата каде што влезе претходно и влегува во една подолу, а по нејзе со трчање влегуваат и двајца полициски службеници со шлемови и панцир на себе.

21:37:15 Се гледа раздвижување на полициски службеници по овој ходник во правец од Прес салата према холот „Длаборез“, а позади нив поминува и обвинетиот Горан Ѓошевски.

21:37:40 Од една од просториите од десната страна на ходникот се гледа како неколку полициски службеници изнесуваат едно повредено лице и го носат во правец према Прес салата.

21:38:09 Двајца полициски службеници заедно со обвинетиот Горан Ѓошевски и едно женско лице со бела облека на себе се упатуваат во правец према Прес салата по што женското лице во бела облека се враќа со трчање во една од просториите на почетокот од овој ходник, од десната страна гледано према снимката, а обвинетиот Горан Ѓошевски влегува во холот „Длаборез“. НН машкото лице кое претходно се виде на средината на овој ходник и понатаму продолжува да се движи во истиот при што со левата рака им покажува на двете женски лица со бели мантили, докторки на каде да се движат, а тоа е во правец према Прес салата.

21:39:45 Во горниот дел од снимката поточно во холот „Длаборез“ од тука не се гледа присуство на луѓе, ниту пак во овој момент има присуство на луѓе во ходникот.

21:40:43 Во горниот дел од снимката поточно во холот „Длаборез“ се гледа како да има зачаденост, замагленост.

21:41:22 Повторно се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како излегува од една од просториите од десната страна на ходникот, за кратко разговара со НН машко лице по што продолжува да се движи во правец према Прес салата и за кратко повторно се враќа назад во ходникот и влегува во една од просториите од десната страна на ходникот гледано према снимката. Се гледа движење на полициски службеник со панцир и шлем во ходникот

во 21:42:15 во правец од Прес салата према холот „Длаборез“ по што истиот влегува во холот „Длаборез“, се гледа движење на НН машко лице во ходникот од холот „Длаборез“ во правец према Прес салата, тоа е обвинетиот Крсто Мукоски.

21:43:50 Се гледа движење на еден полициски службеник во ходникот во правец од салата Прес према холот „Длаборез“, а од холот „Длаборез“ влегуваат неколку полициски службеници и се движат во правец према Прес салата по што за кратко се зголемува бројот на полициски службеници со шлемови и панцири на себе кои влегуваат во овој ходник во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата.

21:45:41 Се гледа полициски службеник како се движи по ходникот разговарајќи на мобилен телефон во правец од Прес салата према ходникот „Длаборез“, а од холот „Длаборез“ влегува еден полициски службеник заедно со обвинетиот Горан Ѓошевски кој нешто му кажува и се свртуваат во правец према Прес салата. Во долниот дел на снимката во 21:46:50 се гледаат две НН машки лица како со рацете ги покриваат устите, а покрај нив се движат и полициски службеници и истите се упатуваат во правец према холот „Длаборез“.

21:47:24 Се гледа како од една од просториите десно од овој ходник гледано према снимката обвинетиот Горан Ѓошевски заедно со уште еден полициски службеник изнесуваат врата и се упатуваат во правец према Прес салата.

21:48:04 Се гледа движење на полициски службеник во ходникот кој зборува по радио врска и се упатува во правец према холот „Длаборез“, а од таму влегуваат двајца полициски службеници со панцири и шлемови на себе и се упатуваат во правец према Прес салата.

21:49:15 Се гледа НН машко лице како се движи по ходникот во правецот од холот „Длаборез“ према Прес салата. Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски во 21:50:10 како се придвижува по ходникот во правец од Прес салата према холот „Длаборез“ при што застанува на средина од ходникот, разговара со НН машкото лице и со раката му покажува во правец према холот „Длаборез“ по што обвинетиот продолжува да се движи во правец према холот „Длаборез“ и влегува во една од просториите во овој ходник од десната страна гледано према снимката.

21:52:00 Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски заедно со уште едно друго НН лице како влегуваат во овој ходник од холот „Длаборез“ и во рацете носат поголем дрвен предмет, се упатуваат во правец према Прес салата, а веднаш позади нив влегуваат поголем број на службени лица при МВР со панцири и шлемови на себе.

21:52:40 Во долниот дел на снимката на средина од ходникот се појавуваат две машки лица од кои што едниот се гледа дека е полициски службеник и носат врата во рацете која за кратко ја внесуваат во една од просториите од десната страна на овој ходник гледано према снимката.

Во 21:53:38 се гледа поголем број на полициски службеници со панцири и шлемови на себе како застануваат во долниот дел од снимката во правец свртени према Прес салата, а истите влегуваат од холот „Длаборез“ по што со движењето продолжуваат према Прес салата, поточно према ходникот кој води кон Прес салата.

Во 21:55:10 се гледа како и последните полициски службеници кои што стоеја во долниот дел на снимката се упатуваат во правец према ходникот кој води према Прес салата и во моментот на снимката не се гледа присуство на ниту еден полициски службеник, ниту пак на било кое друго лице.

21:56:13 Во ходникот се придвижува едно женско лице, докторка, во придружба на друго машко лице, истата за кратко влегува во една од просториите од десната страна на ходникот и излегува од неа повторно, а потоа влегува во соседната по што на снимката се појавува и обвинетиот Горан Ѓошевски кој влегува во истата просторија каде што влезе претходно и докторката.

Во 21:57:00 докторката излегува од просторијата во која што претходно влезе и се упатува во правец према ходникот кој води према Прес салата.

21:57:50 Се гледа движење на полициски службеник кој разговара на мобилен телефон во правец од холот „Длаборез“ према Прес салата.

21:58:25 Обвинетиот Горан Ѓошевски излегува од една од просториите од десната страна на ходникот заедно со друго НН машко лице кое има радио врска во десната рака и продолжуваат да се движат во правец према ходникот кој води према Прес салата.

Снимката завршува во 22:00 часот.

На оваа снимка јасно се видоа повеќе обвинети и тоа Горанче Анѓеловски, Никола Митревски, Младен Додевски, Горан Ѓошевски, Вилијам Михајловски, Мунир Пепиќ, Игор Југ, Абдуљфета Алими, Јане Ченто како и Влатко Трајковски. Воедно на оваа снимка јасно се виде како обвинетиот Горан Ѓошевски во еден момент со трчање се приближува, го удира по рамо обвинетиот Никола Митревски, се свртува за кратко према него по што застанува прв пред групата, пред толпата луѓе која што е влезена во овој ходник и продолжува понатаму, а во оваа група се наоѓа и обвинетиот Младен Додевски. Обвинетиот Никола Митревски во еден момент на луѓето кои влегуваат во овој ходник во правец од холот „Длаборез“ движејќи се према Прес салата им покажува со раката наназад во правец према Прес салата. Кога Обвинетиот Горан Ѓошевски се разминува со обвинетиот Никола Митревски, се поздравуваат и имаат некоја гестикулација со рацете. Меѓу првите кои се пробиваат од холот „Длаборез“ према Прес салата се пробива обвинетиот Вилијам Михајловски кој им покажува правец на останатите луѓе, а тоа е правец према Прес салата.

УСБ 5 фајл 20170428191225 камера 14

На оваа снимка се гледа ходник со фотелји со поглед кон ходникот кој води кон холот „Длаборез“. Снимката започнува со време од 18:45:00. На почетокот на снимката не се гледа присуство на ниту едно лице.

18:45:36 На снимката се гледа обвинетиот Иван Цветановски како се движи према горниот дел од снимката на ходникот.

18:52:40 На снимката прв се гледа со трчање како се движи обвинетиот Горан Ѓошевски и погледнува позади него, а веднаш позади него е обвинетиот Никола Митревски, се гледа како обвинетиот Горан Ѓошевски се врти према луѓето меѓу кои е и обвинетиот Никола Митревски кој носи црна фантомка на главата, позади него има и други лица со фантомки на главите, истиот како да им кажува нешто по што се врти повторно напред и се приближува во долниот дел од снимката. На снимката се гледа и обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка, црна блуза со долги ракави и темни фармерки, а пред него има лице во маскирна блуза со долги ракави и капуљача на главата и темни фармерки, а во позадина веднаш до столбот од десната страна гледано према снимката се гледа и обвинетиот Младен Додевски во црна фантомка, сива маица со кратки ракави и бела апликација на предната страна, истиот носи и сини кратки бермуди.

18:52:50 Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како се придвижува, како повторно се враќа назад во средниот дел од оваа снимка и им кажува нешто на луѓето и притоа со левата рака им покажува правец на движење надолу према снимката. Помеѓу луѓето во позадина се гледа и обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави, црна апликација на предната страна, црна торбичка префрлена преку рамото и темни фармерки. Обвинетиот Горан Ѓошевски и на други лица им покажува правец на движење повторно надолу према снимката гледано по што истиот се враќа во горниот дел од снимката на левата страна од ходникот кој што води према холот „Длаборез“.

Во долниот дел од снимката во 18:53:59 се гледа движење на НН машко лице во правец према левата страна од ходникот према холот „Длаборез“.

18:54:17 Се гледа обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна горна блуза со долги ракави, темни фармерки, а позади него е обвинетиот Митре Питроповски со црна фантомка на главата, црна облека и црвени патики. Истите се упатуваат во правец лево према ходникот према холот „Длаборез“. На снимката се гледа присуство на дел од обезбедувањето од Собранието, а покрај него поминуваат НН лица кои што се гледа дека не се дел од вработените во Собранието и истите заминуваат во правец према холот „Длаборез“. Повторно 18:55:05 се гледа присуство на лице од обезбедувањето во Собранието заедно со уште друго НН лице покрај него и се придвижуваат во долниот дел од снимката од каде се појавува НН машко лице со врзано знаме на вратот

или шамија црвена со жолто. Лицето од обезбедувањето кое што претходно се виде на снимката се гледа како разговара на мобилен телефон.

Во долниот дел од снимката се гледа движење на повеќе луѓе меѓу кои прв е обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, црна фантомка на главата  и црна блуза со долги ракави, позади него има лице, НН лице со бела блуза и темно-сина уште една блуза префрлена преку главата до горниот дел од рамењата, а позади нив е обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави и сини бермуди, истите се упатуваат во правец лево од ходникот према холот „Длаборез“, а десно од нив се гледа лицето од обезбедувањето во Собранието кое пред малку се виде на снимките заедно со уште едно друго НН машко лице со бела кошула со кратки ракави до него. Овој дел од снимката се однесува за време 18:56:26.

18:56:31 Се гледа обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, бела маичка со кратки ракави и црна торбичка префрлена преку рамото и тој се упатува како и другите луѓе во правец лево према ходникот према холот „Длаборез“.

18:56:40 Во горниот дел од снимката се појавува обвинетиот Горан Ѓошевски кој што се приближува кон двете лица кои претходно се видоа на оваа снимка од кои едниот е дел од обезбедувањето во Собранието, истиот застанува со нив и разговара нешто, а во левата рака држи мобилен телефон по што за кратко обвинетиот гледајќи во мобилниот телефон се враќа назад према холот „Длаборез“.

18:58:29 Се гледа НН машко лице во долниот дел на снимката, а кој не е дел од вработените во Собранието како се придвижува кон левата страна од ходникот према холот „Длаборез“, а по него се упатува уште едно НН машко лице.

18:59:16 Се гледа обвинетиот Иван Цветановски како се придвижува од горниот дел на снимката поточно од кај холот „Длаборез“ во долниот дел на снимката, повторно се гледа присуство, движење на лице од обезбедувањето на Собранието во 19:59:57 заедно со уште три други НН машки лица кои дел имаат радио врски во рацете, истите стојат во ходникот свртени со грбот во правец према ходникот „Длаборез“ по што се придвижуваат кон тој правец.

19:01:10 Се гледа обвинетиот Иван Цветановски заедно со уште едно НН женско лице како се враќа према правецот од каде што дојде, односно према холот „Длаборез“.

19:01:28 Се гледа обвинетиот Никола Митревски кој носи зелени патики, темни фармерки, сива маица и црна блуза со долги ракави одозгора, на почетокот од снимката кога се појавува се гледа дека не носи маска и во текот на движењето става црна маска на главата, истиот се движи во правец надолу према снимката, позади него има уште едно НН машко

лице со фантомка на главата и безбол капче, потоа лице, машко лице без фантомка на главата со апликација на предната страна, позади него се гледа обвинетиот Стефан Младеноски со темни фармерки, црна блуза со долги ракави, црно безбол капче и црна фантомка на главата, позади него има лице со сива блуза со долги ракави, црно елече, истиот не носи маска на себе, а позади нив има НН машко лице со црна блуза со кратки ракави, темни фармерки и црна фантомка на главата.

19:01:41 Во горниот дел на снимката поточно од кај ходникот од холот „Длаборез“ се гледа како доаѓа обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни три - четврт панталони, позади него има уште едно машко лице со црна фантомка на главата, тоа е обвинетиот Митре Питроповски, со црвени патики и црна облека на себе. Истите се собираат во долниот дел од снимката, застануват на кратко по што продолжуваат во тој правец.

19:01:54 Се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски со сиви долни тренерки, црна блуза со долги ракави, црна фантомка на главата, позади него има уште едно НН машко лице со фантомка на главата, истите се движат во правец према долниот дел од снимката, а позади нив има НН машко лице со светли фармерки, прљаво бела кошула со кратки ракави, а позади него доаѓа уште едно НН машко лице за кое исто така се гледа дека не е дел од вработените во Собранието. Во горниот дел од снимката се гледа и понатаму лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави и уште едно НН лице, НН машко лице, кое претходно се виде на снимките заедно со лица од обезбедувањето од Собранието. Овие две НН лица и понатаму стојат во овој ходник при што на кратко гледаат према ходникот што води во холот „Длаборез“, по што се упатуваат во долниот дел од снимката.

19:04:10 На снимката од долниот дел се појавуваат обвинетите, прво е обвинетиот Митре Питроповски со црна маска на главата, црна облека и црвени патики, а позади него е обвинетиот Горанче Анѓеловски со црна маска на главата, црна блуза со долги ракави и сива долна тренерка, позади нив има уште едно НН машко лице со црна фантомка на главата и црна облека на себе, а во долниот дел од снимката се гледа НН машко лице со темно сино елече, црни долги ракави, темни фармерки, зелено безбол капче, а позади нив повторно се гледа НН машкото лице во сина јакна и плави фармерки кое и претходно стоеше на овој ходник заедно со лица од обезбедувањето во Собранието по што обвинетите се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а НН машкото лице во темно сина облека стои во ходникот и за кратко му се приклучува и другото НН машко лице со прљаво бела кошула со кратки ракави, истите разговараат со НН машко лице за кое се гледа дека не е од вработените во Собранието, при што му покажуваат во правец према холот „Длаборез“. Овие две НН лица повторно се придвижуваат во долниот дел на снимката, застануваат непосредно пред фотељите, па нешто гледаат во ходникот од долниот дел од снимката и повторно се упатуваат во ходникот од каде се

гледа холот „Длаборез“. НН машкото лице во 19:07:35 со прљаво бела кошула со кратки ракави се гледа како разговара на мобилен телефон додека стои во овој ходник по што за кратко со другото НН лице со темно сина облека на себе се придвижуваат во правец  према холот „Длаборез“.

19:08:20 Се гледа обвинетиот Стефан Младеноски во долниот дел на снимката со црна фантомка, со црно безбол капче на главата, црна блуза со долги ракави, темни фармерки како се придвижува во белиот дел од ходникот во правец на холот „Длаборез“. Од истиот правец поточно од кај холот „Длаборез“ веднаш после него доаѓаат и двете НН машки лица кои претходно беа присутни на снимката, едниот со темно сина облека на себе, а другиот со прљаво бела кошула со кратки ракави.

19:08:51 Во горниот дел од снимката се гледа повторно обвинетиот Стефан Младеноски со црно капче, црна капуљача, црна блуза со долги ракави, темни фармерки и црна фантомка на главата, веднаш позади него е обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, позади него има НН машко лице со црна фантомка на главата, со три четврти светло сини фармерки, црвени патики и црна блуза со долги ракави, а позади него е обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела голема хоризонтална линија на предната страна на блузата и темни панталони. Веднаш позади него со трчање се придвижува обвинетиот Игор Југ кој не носи маска на себе, позади него има НН машко лице со жолта маица со кратки ракави, црни панталони и бела блуза врзана на половината, а позади него е обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и сини бермуди. Позади него има НН машко лице без маска, со црна маица со кратки ракави, црна торбичка преку рамото и бела апликација на предната страна од маицата и црни панталони, а позади него е обвинетиот Вилијам Михајловски кој не носи маска на себе, а има црна блуза со кратки ракави со бела апликација на предната страна, темни фармерки и црвена блуза врзана на половината, во позадина се гледа и обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави со црна апликација на предната страна, темни фармерки и црна торбичка префрлена преку рамото. Позади него има и други НН машки лица, сите тие се придвижуваат во правец према холот „Длаборез“ кон долниот дел од снимката, а по нив се гледа и обвинетиот Горан Ѓошевски кој за кратко застанува да разговара со двете НН машки лица кои подолго време се присутни во ходникот, едниот со темно сина облека на себе, а другиот со прљаво бела кошула со кратки ракави, а во меѓувреме покрај нив помнува НН машко лице со фантомка на главата, а обвинетиот Горан Ѓошевски откако го гледа тоа влегува во една од просториите во овој ходник.

На снимката се видоа дел од обвинетите и тоа Горан Ѓошевски, Никола Митревски, Младен Додевски, Горанче Анѓеловски како и Игор Југ. Воедно и на оваа снимка како и на другите снимки јасно се гледа дека во

непосредна близина на обвинетиот Горан Ѓошевски се движат луѓе со фантомки меѓу кои и Никола Митревски. Од снимката може да се утврди дека обвинетиот Горан Ѓошевски им покажува правец на движење на дел од луѓето влезени во Собранието. Од оваа снимка може да се утврди дека има повредени полициски службеници, но веќе има присуство и на медицинска екипа.

УСБ 5 фајл … камера 14 снимката е со време 19:09:36.

19:10:26 На снимката се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како излегува од една од просториите во ходникот и продолжува во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“ воедно на снимката се гледа и присуство на лица од обезбедувањето во Собранието меѓу кои е и обвинетиот Абдуљфета Алими. Истите се упатуваат во долниот дел од снимката, а доаѓаат во правец од холот „Длаборез“. На снимката присутни се и двете лица кои од почетокот се присутни на оваа снимка едниот облечен во темно сина облека, а другиот во прљаво бела кошула со кратки ракави. Лицето со темна облека заминува во правец према ходникот кој води кон холот„ Длаборез“, додека другото лице со прљаво бела кошула заминува во долниот дел на снимката, по што за кратко истиот се враќа во овој ходник.

На снимката се гледа движење на луѓе во 19:12:05 од долниот дел на снимката во правец према ходникот кој води према холот „Длаборез“.

19:12:40 На снимката во горниот дел од ходникот кој доаѓа од правец холот „Длаборез“ се појавува обвинетиот Иван Цветановски, накратко влегува во просторијата на горниот дел на овој ходник, по што повторно, по што излегува и повторно се враќа од истиот правец од каде што дојде.

19:13:09 Во долниот дел на снимката се гледа НН машко лице со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави и кратки бермуди како се движи од правец према холот „Длаборез“, позади него има уште едно лице со фантомка со сива блуза со долги ракави и капуљача и црни панталони, а позади него е обвинетиот Вилијам Михајловски со темни фармерки, црвена блуза врзана на половината, црна маица со кратки ракави со бел натпис на позадина на грбот, истите тие се движат во правец према ходникот кој води во холот „Длаборез“, а времето кога се гледа е 19:13:17.

19:15:01 На долниот дел од снимката всушност тоа е од правец на ходникот кој води према Прес центарот се појавува обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, темни фармерки, црна блуза со долги ракави, црна фантомка на главата која што се гледа дека е делумно крената и зборува на мобилен телефон. Истиот се движи во правец према ходникот кој води према холот „Длаборез“.

19:15:23 Во горниот дел од снимката двете лица кои континуирано се присутни на оваа снимка, едниот со темно сина облека, а другиот со

прљаво бела кошула со кратки ракави, со трчање се упатуваат во правец према ходникот кој води према холот „Длаборез“.

19:15:55 Во горниот дел од снимката се гледа како доаѓа група од неколку луѓе, помеѓу нив, односно прв застанува тука, помеѓу нив, односно прв избива пред групата обвинетиот Вилијам Михајловски и истите се движат во правец према Прес центарот при што се гледа дека обвинетиот во еден момент се врти према луѓето кои што се позади него и ги повикува со едната рака, ракоплеска и продолжува да се движи нанапред. Меѓу луѓето кои што се движат во оваа група има и луѓе со фантомки на главите.

19:16:20 Меѓу луѓето кои што се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот, а на која група се гледаше дека ја предводи обвинетиот Вилијам Михајловски доаѓаат и двете лица, две машки лица кои се континуирано присутни на оваа снимка, едниот во темно сина облека, а другиот со прљаво бела кошула со кратки ракави при што се гледа дека и двајцата покажуваат правец на движење према Прес центарот на луѓето кои што се движат во оваа група.

19:16:45 Во горниот дел од снимката десно од белиот столб се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ кој доаѓа во правец од холот „Длаборез“ и истиот се поздравува со НН лице по што продолжува да се движи меѓу луѓето, помеѓу луѓето кои што се движат во правец према Прес центарот, а не се дел од вработените во Собранието, а покасно на снимката се гледа дека лицето со кое се поздрави всушност е едно од двете лица кои се континуирано присутни на оваа снимка со оној што е облчечен во темно сина оболека и кога тој предмалку се виде дека покажува правец на движење на луѓето што се движат.

19:17:01 Во горниот дел од снимката од десната страна на белиот столб, ѕид се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски кој доаѓа во правец од холот „Длаборез“ истиот се приближува помеѓу групата луѓе кои се движат во правец према Прес ценатарот и се гледа како со рака им покажува правец на движење надолу, а тоа е во правец према Прес центарот. Обвинетиот Горан Ѓошевски застанува покрај ѕидот, ги гледа луѓето накаде се движат при што за момент допира еден од овие луѓе и повторно со раката покажува во правец на движење према Прес центарот по што застанува и го следи движењето на луѓето, па откако истите влегуваат во ходникот кој води према Прес центарот истиот се враќа назад лево од ходникот, поточно во правец према холот „Длаборез“. Покрај него во придружба се гледа и обвинетата Елена Божиновска, ова е време 19:17:35.

19:17:54 На снимката и понатаму се гледаат двете лица кои се континуирано присутни, едниот со прљаво бела кошула со кратки ракави, а другиот со темно сина облека од кои лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави се гледа како со раката гестикулира во правец надоле према Прес центарот. Двете лица застануваат свретни со поглед во правец према ходникот кој води према Прес центарот.

19:19:03 Се гледа како луѓе се движат во правец од према Прес центарот према холот „Длаборез“ меѓу кои има и лица со фантомки на главите, има и женско НН лице со ранец на грбот, а воедно се гледа како друго НН женско лице разговара со двете лица кои се континуирано присутни на оваа снимка, нешто се вртат и гледаат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот по што заминуваат према холот „Длаборез“.

19:20:12 Лицето со темна сина облека и понатаму останува во ходникот, а покрај него поминуваат луѓе кои што не се вработени во Собранието.

19:20:17 Во долниот дел од снимката во правец према Прес центарот према холот „Длаборез“ се гледаат обвинетите Михаел Младеноски прв со црна фантомка на главата и црна маица со кратки ракави, позади него е обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави и темни фармерки, а позади него е обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави и бела капуљача и црни панталони. Истите заминуваат во правец према холот „Длаборез“. На симката повторно се гледа женското лице со ранец на грбот и истата се придвижува во правец према Прес центарот.

19:20:50 На снимката повторно се гледа движење на луѓе во правецот према Прес ценатарот, од Прес центарот према холот „Длаборез“, а во горниот дел од снимката и понатаму стојат двете лица кои континуирано се присутни на оваа снимка и истите се гледа како разговараат со луѓето кои се движат, а не се дел од обезбедувањето на Собранието.

19:21:38 На снимката се гледа обвинетиот Младен Додевски кој носи црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави и сини бермуди, истиот се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“. Движењето на луѓето во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“ и натаму продолжува, но има и луѓе кои што се движат во обратен правец, односно од холот „Длаборез“ према Прес ценатарот, а двете лица кои се континуирано присутни на оваа снимка и понатаму разговараат со луѓето кои што се движат од холот „Длаборез“ према на Прес центарот.

19:23:30 Во горниот дел од снимката двете лица кои што се континуирано присутни на истата застануваат свртени во правец према Прес центарот, по што за кратко заминуваат во ходникот кој води према холот „Длаборез“.

19:24:15 На снимката се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со темни фармерки, црвена блуза врзана на половината, црна маица со кратки ракави со бел натпис на грбот на истата без маска кој се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“.

19:24:39 На снимката повторно се гледаат двете лица, едниот во темно сина облека, а другиот со кошула прљаво бела со кратки ракави како доаѓаат и застануваат свртени во правец према ходникот кој води кон Прес центарот.

19:25:02 На снимката се гледа НН машко лице како со трчање се приближува во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот.

19:25:09 На снимката во горниот дел се гледа обвинетиот Захарие Симовски кој носи црни панталони, црна блуза со долги ракави со бела хоризонтална линија на предната страна, бела капуљача во позадина и црна фантомка на главата, а позади него има уште две НН машки лица, а позади тие се гледа поголема група на луѓе меѓу кои е и обвинетиот Вилијам Михајловски, обвинетиот Младен Додевски со сини бермуди, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и црна фантомка на главата и кој држи мобилен телефон во левата рака, позади него меѓу луѓето се гледа и обвинетиот Никола Митревски без маска, со зелени патики, темни фармерки, црна блуза со долги ракави, а позади него е и обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината, бели патики и темни фармерки, сите тие се движат во правец према Прес центарот.

19:25:50 Во горниот дел од снимката се гледа НН машко лице со врзано знаме на грбот и се гледа како истиот разговара со двете лица кои се континуирано присутни на оваа снимка, а воедно овие лица разговараат и со други луѓе кои што доаѓаат од правецот од холот „Длаборез“ кон средината на овој ходник.

19:26:10 Во долниот дел од снимката во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“, се гледа како доаѓа обвинетиот Никола Митревски, без маска на главата со зелени патики, темни фармерки и црна блуза со долги ракави и истиот држи нешто во десната рака. Движењето на луѓето во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот и натаму продолжува, 19:26:33 а меѓу овие луѓе се гледа дека повторно се враќа обвинетиот Никола Митревски, а групата на луѓе се гледа дека е поголема која се движи во правец према Прес центарот.

19:26:39 Во средниот дел на снимката непосредно пред белиот ѕид, столб се гледа обвинетиот Јане Ченто кој носи темна црна јакна, не носи маска на лицето и има брада. Бројот на луѓе кои што се движат према Прес центарот во кој правец се придвижи и обвинетиот Јане Ченто и понатаму се зголемува.

19:28:16 Во горниот дел од снимката во ходникот од каде се доаѓа од холот „Длаборез“ се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски, истиот се придвижува помеѓу луѓе кои што не се дел од вработените во Собранието, а се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот, на кратко застанува покрај десниот ѕид од оваа снимка, покрај него доаѓаат двете лица кои се континуирано присутни на снимката едниот во темно сина облека и другиот со кошула прљаво бела со кратки ракави и уште две НН лица, се гледа дека сите тие се свртени према обвинетиот Горан Ѓошевски кој нешто кажува и со левата рака покажува во правец надолу, поточно во правец кој води према Прес центарот, по што истиот застанува во

ходникот, повторно разговара со дел од луѓето кои што се движат во правецот од холот „Длаборез“ према Прес центарот, им кажува нешто свртен со лицето према ходникот кој води кон Прес центарот по што го зима мобилниот телефон во рацете и продолжува да се движи во правец према холот „Длаборез“, а во 19:28:49 во долниот дел од снимката се појавува обвинетиот Никола Митревски без маска, со црна блуза со долги ракави и истиот се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“.

19:29:28 На снимката во моментот се гледа раздвижување на луѓето во правец од Прес центарот кон холот „Длаборез“ и обратно.

19:29:54 Во долниот дел од снимката се појавува обвинетиот Михаел Младеноски со бели патики, црни панталони, црна блуза врзана на половината, црна торбичка префрлена преку рамото, црна маица и црна фантомка на главата кој се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“.

19:30:20 Продолжува движење на луѓе во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“.

19:30:27 Во горниот дел од снимката во ходникот кој доаѓа од холот „Длаборез“ се гледа обвинетиот Влатко Трајковски со темни црни панталони, црна блуза со долги ракави, со маскирно елече, не носи маска на главата, истиот се придвижува во правец према Прес центарот.

19:30:45 Во ходникот се гледа обвинетиот Иван Цветановски кој доаѓа во правец од холот „Длаборез“ и се придвижува према Прес центарот, во меѓувреме се разминува со луѓе кои се движат по овој ходник, а за кои се гледа дека не се дел од вработените во Собранието, по што за кратко се враќа кон правецот од каде што дојде.

19:30:50 Во горниот дел од снимката во ходникот кој доаѓа од кај холот „Длаборез“, се гледа обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината, темни фармерки кој разговара на телефон, истиот за кратко застанува во ходникот со погледот свртен во правец према Прес центарот по што повторно се враќа према холот „Длаборез“. Во меѓувреме се гледа раздвижување на луѓе од Прес центарот према холот „Длаборез“.

19:31:58 На снимката се гледа во средниот дел обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави со црна торбичка префрлена преку рамото, темни фармерки и истиот се движи во правец од Прес центарот према холот„ Длаборез“.

19:32:04 Во горниот дел од снимката се гледа обвинетиот Иван Цветановски на почетокот од ходникот, а десно од него во продолжение на ходникот непосредно позади белиот столб се гледа и обвинетата Божиновска, по што за кратко и двајцата се враќаат према холот „Длаборез“.

19:32:29 На снимката се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со темни фармерки, црвена блуза врзана на половината и црна маица со кратки ракави со бел натпис на позадината на маицата како се движи во правец од Прес ценатрот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. На снимката се гледаат луѓе како се движат во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“, а се гледа дека истите не се дел од вработените во Собранието.

19:33:40 На снимката се гледа НН машко лице со врзано знаме на грбот истиот се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“, а по него доаѓаат и двете лица кои од почетокот на оваа снимка се континуирано присутни во ходниот, едниот во темно сина облека, а другиот со прљаво бела кошула со кратки ракави истите застануваат во горниот дел од ходникот и разговаараат со уште едно НН машко лице.

19:34:20 На снимката се гледа како повторно доаѓа обвинетиот Вилијам Михајловски во правец од холот„Длаборез“ према Прес центарот.

19:34:50 На снимката се гледа како доаѓаат дел од обезбедувањето од Собранието, истите се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот, а позади нив се движат и други луѓе за кои се гледа дека не се дел од вработените во Собранието.

Лицето со врзано знаме на грбот во 19:35:37 се гледа како се враќа во правец према Прес центарот, а воедно во овој момент се гледа и раздвижување на луѓе во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот.

19:36:24 На снимката се гледаат две НН машки лица со ранци на грбот од кои што едниот носи камера. Лицата кои што се континуирано присутни на оваа снимка, двете лица, за кратко влегуваат во горната просторија од ходникот по што повторно излегуваат од истата и застануваат во ходникот, а лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави се гледа како разговара со луѓе кои се движат по овој ходник.

19:37:14 Во долниот дел од снимката во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“ се движат лица со фантомки на главите.

19:37:50 Во горниот десен агол на снимката се гледа како стојат двете лица кои од почетокот се присутни на оваа снимка заедно со уште едно НН лице и истите ги гледаат луѓето кои што се движат во ходникот во правец према Прес центарот, а за кои се гледа дека не се дел од вработените во Собранието.

19:37:58 Во горниот лев агол на снимката во правецот од холот „Длаборез“ се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски кој со десната рака се гледа дека некого повикува, разговара на кратко со некого, не се гледа со кого, истиот се разминува со луѓе кои што се движат по овој ходник, а за кои се гледа дека не се вработени во Собранието, му се приближуваат, приклучуваат двете лица кои се континуирано присутни на снимката по што обвинетиот

Горан Ѓошевски заедно со лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави влегува во просторијата од десно гледано на снимката од овој ходник, а лицето со темна сина облека останува пред таа просторија да стои по што во 19:38:40 на снимката во долниот дел се гледа обвинетиот Илија Славевски кој носи три-четврт црни панталони, црна маица со кратки ракави, црна фантомка на главата и црни патики и се гледа дека на него лицето со темно сина облека му покажува правец на движење према холот „Длаборез“, по што истиот се приближува во ходникот кон холот „Длаборез“, во моментот кога се разминува со луѓе кои се движат во овој ходник во правец од холот „Длаборез“ према Прес ценатарот истиот им гестикулира со рацете во правец према Прес центарот по што тој заминува во ходникот кој води према холот „Длаборез', а луѓето на кои што им покажа правец на движење продолжуваат да се движат во правец према Прес центарот.

19:39:02 На снимката во горниот лев агол во правец од холот „Длаборез“ се појавува службено лице при МВР со шлем и панцир на себе, истиот се придвижува во правец према Прес центарот, а позади него поминуваат луѓе кои што излегуваат од правец од према Прес центарот и се движат према ходникот кој води кон холот „Длаборез“ и за кои се гледа дека не се дел од вработените во Собранието, по што униформираниот полициски службеник продолжува да се движи во правец према Прес, во ходникот кој води према Прес центарот. Движењето на луѓето од Прес центарот према холот „Длаборез“ и обратно и понатаму продолжува.

19:39:47 Во десниот дел на снимката од една од просториите во ходникот излегува обвинетиот Горан Ѓошевски со мобилниот телефон во раката, истиот гледа како се движат луѓе во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“, а потоа му се приближува НН женско лице кое е дел од обезбедувањето во Собранието и двајцата влегуваат во просторијата од каде што излезе и обвинетиот Горан Ѓошевски, по што за кратко време повторно излегуваат надвор во ходникот и разговараат двајцата со уште едно НН машко лице исто така дел од обезбедувањето во Собранието, по што продолжуваат да се движат по ходникот кој води према Прес центарот.

19:41:30 Во ходникот во средниот дел се гледа возрасно НН машко лице со темно сина блуза или сако кое разговара на мобилен телефон и стои во средината на овој ходник.

19:41:58 На снимката се гледа службено лице во МВР со панцир и шлем на себе кој се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“, истиот поминува слободно покрај возрасното машко лице кое што разговара на телефон и продолжува да се движи во правец во ходникот кој води кон холот „Длаборез“ од каде доаѓаат и други НН лица, а за кои се гледа дека не се дел од вработените во Собранието, а меѓу нив се гледа и обвинетиот Иван Цветановски кој застанува во горниот лев агол

гледано према оваа снимка. Истиот разговара со НН машко лице и се враќа повторно во правецот од каде што дојде.

19:42:25 На снимката се гледа НН машко лице кое држи знаме во рацете и се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“, воедно во меѓувреме и натаму продолжува движење на луѓе кои не се дел од вработените во Собранието од Прес центарот према холот „Длаборез“.

19:42:52 Во десниот дел на снимката возрасното лице кое пред малку зборуваше на мобилен телефон се гледа дека се поздравува со лицето облечено во темно сина облека, а кое континуирано е присутно на оваа снимка од почетокот на истата. До нив се гледа дека стои уште едно женско, НН женско лице со кратка коса.

19:43:55 На снимката се гледа НН машко лице со црна фантомка на главата, зелени маскирни панталони и бело-сива маица со кратки ракави истиот се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот.

19:44:27 Во горниот лев дел од снимката се појавуваат обвинетите Елена Божиновска и Иван Цветановски и истите се движат во правец према ходникот кој води према Прес центарот, а позади нив има и други лица кои што се гледа дека не се дел од вработените во Собранието.

19:45:07 На снимката од долниот дел се појавува обвинетиоот Горан Ѓошевски поточно од правец од Прес центарот и истиот се придвижува во горниот дел од снимката, а тука се и двете лица кои се присутни од почетокот на оваа снимка, едниот во темно сина облека, а другиот со кошула прљаво бела со кратки ракави. Се гледа дека обвинетиот Горан Ѓошевски разговара на кратко со лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави, а воедно држи мобилен телефон во раката, по што продолжува да се движи по ходникот во правец према холот „Длаборез“, а двете лица остануваат да стојат во овој ходник.

19:45:44 Во долниот десен дел од снимката поточно од правецот према Прес центарот се појавува обвинетата Божиновска која се придвижува во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:46:16 На снимката се гледа како со трчање се приближува НН машко лице во темно сива маица со кратки ракави, три-четврт фармерки, правецот на движење на ова лице е од холот „Длаборез“ према Прес центарот.

19:46:26 На снимката се гледа како лицето со кошула прљаво бела боја со кратки ракави разговара на телефон и на кратко влегува во просторијата десно на овој ходник гледано према снимката, а во долниот дел од снимката се појавува обвинетиот Иван Цветановски заедно со уште едно НН женско лице кој се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“.

19:47:50 На снимката повторно се гледа обвинетиот Иван Цветановски како се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот, позади

него има уште едно НН женско лице и машкото лице кое што е постојано присутно во оваа снимка со кошула во прљаво бела боја со кратки ракави, истите се придвижуваат во правец према Прес центарот, а позади нив е и другото лице кое што е постојано присутно на снимката со темно сина облека и тој се придвижува во правец према Прес центарот.

19:49:50 И натаму има движење на луѓе во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“ и обратно.

19:50:34 Во долниот дел од снимката се појавува обвинетиот Вилијам Михајловски кој не носи маска со темни фармерки, црвена блуза врзана на половината, црна маица со кратки ракави со бел натпис на грбот и истиот се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“.

19:51:02 На снимката се гледа повторно обвинетиот Горан Ѓошевски со телефонот во рацете и истиот се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот при што застанува од десната страна на овој ходник свртен со лицето во правец према ходникот кој води до Прес центарот, се гледа дека започнува да разговара на мобилен телефон и влегува во просторијата десно од овој ходник гледано према снимката, а во моментот кога влегува во просторијата обвинетиот Горан Ѓошевски во ходникот поминува обвинетиот Иван Цветановски со уште едно НН женско лице и истиот се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“, а позади нив има движење и на други луѓе за кои се гледа дека не се дел од вработените од Собранието. За кратко се гледа како обвинетиот Горан Ѓошевски со мобилниот телефон излегува од просторијата во која претходно влезе, разговара со лицето со темно сина облека кое што е постојано присутно на оваа снимка, се придвижува во горниот дел на снимката и продолжува во правец према холот „Длаборез“.

19:52:30 На снимката се гледа НН машко лице со врзано знаме на грбот, позади него уште едно НН машко лице со црна облека, а позади него уште едно НН машко лице со врзано знаме на грбот, истите се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот, а од десната страна на ходникот гледано према снимката и понатаму стојат двете лица кои што се од почетокот присутни на оваа снимка, едниот во темно сина облека облечен, а другиот со прљаво бела кошула со кратки ракави, едно од лицата со знамето за кратко се враќа во правец према холот „Длаборез“. НН лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави се гледа дека некое време разговара со НН машко лице со долга коса врзана во репче.

19:54:15 Во долниот дел од снимката се гледа движење на лица кои се дел од обезбедувањето во Собранието во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“, а во горниот дел од снимката за кратко се појавува обвинетиот Горан Ѓошевски, истиот повторно е со телефонот во рацете и влегува во просторијата од десната страна на ходникот.

19:55:31 Во горниот дел од снимката се гледа обвинетиот Иван Цветановски заедно со уште едно НН женско лице доаѓа во средината на

овој ходник, на кратко разговара со машкото лице со кошула со прљаво бела боја со кратки ракави по што тој си заминува во правец према ходникот кој води во холот „Длаборез“, а во меѓувреме се гледа како обвинетиот Горан Ѓошевски излегува од просторијата во која претходно влезе и се приближува према НН женското лице кое пред малку дојде заедно со обвинетиот Иван Цветановски. Обвинетиот Горан Ѓошевски стои на средина од ходникот со телефонот во рацете, му приоѓа НН машко лице со врзано знаме на грбот, на кратко нешто разговараат по што лицето со врзано знаме на грбот продолжува да се движи во правец према холот „Длаборез“, а од таму се појавува еден, едно машко лице дел од обезбедувањето во Собранието.

19:57:39 Обвинетиот Горан Ѓошевски заминува во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а на снимката останува да се гледа само лицето со темно сина облека во десниот дел од снимката, а во левиот дел од снимката се гледа НН женското лице кое дојде во придружба со обвинетиот Иван Цветановски по што на кратко во правец од Прес центарот му се приклучува и НН машкото лице со прљаво бела кошула со кратки ракави, по што ова лице заминува во правец према холот „Длаборез“.

19:59:38 На снимката се гледа НН машкото лице со темна сина облека кое постојано е присутно на оваа снимка како разговара со НН женско лице која во овој ходник дојде заедно со обвинетиот Иван Цветановски. Во овој момент поминува и друго женско лице облечено во црна облека и црна ташна.

20:01:40 И понатаму се гледа движење на луѓе кои не се вработени во Собранието во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“ и обратно, а во 20:01:49 во горниот дел од снимката од ходникот од кај холот „Длаборез“ се појавува службено лице од МВР со панцир и шлем на себе кој се движи во правец према Прес центарот. На снимката се гледа лице кое е дел од обезбедувањето во Собранието како се движи од ходникот кој доаѓа од ходникот „Длаборез“ и према Прес центарот при што застанува во долниот дел од снимката со телефон во рацете, разговара на кратко со други лица при што продолжува да се движи во правец према Прес центарот.

Во 20:02:47 на снимката се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски без маска на лицето, со црна маица со кратки ракави и бела апликација на предната страна, темни фармерки и црвена блуза врзана на половината кој се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот, позади него се придвижуваат уште две НН машки лица со црни маици и бели апликации на предната страна од маиците, без маски. Во горниот лев дел од снимката се гледа како стојат повеќе луѓе облечени во костими. Во долниот дел од снимката лицето со темно сина облека кое е постојано на оваа снимка се гледа како разговара со едно НН машко лице со сива долна тренерка и темна сина маица со кратки ракави, а кое се гледа дека не е

дел од вработените во Собранието, по што истото заминува во правец према холот „Длаборез“, а позади него се појавува службеното лице при МВР кое пред малку се виде на снимката, а сега се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“.

20:04:55 На снимката се гледаат НН машки лица како се приближуваат во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот. И понатаму се гледа движење на луѓе од правец према холот „Длаборез“ према Прес центарот, меѓу нив се гледаат и дел од лицата од обезбедувањето во Собранието.

Во 20:06:36 се гледа движење на повеќе службени лица при МВР, сите со панцири на себе и шлемови на главите, истите се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот.

20:07:18 На снимката се гледаат уште две лица, две службени лица при МВР исто така со панцири на себе и шлемови на предниот дел од панцирите. Воедно, во ходникот присутни се и лица од собраниското обезбедување и истите се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот. Понатаму, и после приближувањето на службените лица од МВР има движење на луѓе кои не се вработени во Собранието во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот.

20:08:36 Во долниот дел на снимката се гледа придвижување на поголем дел на луѓе во правец од Прес центарот према средината на овој ходник, а меѓу овие луѓе има и четири лица со бели мантили, доктори, истите стојат на средина на ходникот, се гледа дека ставаат бели ракавици на рацете, има конверзација помеѓу докторите и луѓето кои што се непосредно до нив во овој ходник.

20:10:33 Во горниот дел од ходникот се појавува и обвинетата Елена Божиновска со телефонот во рацете, истата за кратко застанува свртена со лицето према средината на ходникот по што веднаш се враќа во правец према холот „Длаборез“.

20:11:13 Во горниот дел од снимката се појавува униформирано службено лице од МВР со панцир и шлем на него, веднаш позади него уште едно униформирано службено лице, меѓу нив е и обвинетиот Горан Ѓошевски, а позади него се гледа дека доаѓаат уште три, три-четири односно доаѓаат повеќе лица од МВР сите со шлемови и панцири на себе, истите се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот, обвинетиот Горан Ѓошевски се гледа дека на кратко разговара со едно лице од собраниското обезбедување, потоа со друго лице кое што е присутно во ходникот, а не е дел од вработените во Собранието, по што истиот заминува во горниот дел од овој ходник и повторно се враќа назад во средината на ходникот и влегува во просторијата од десната страна на ходникот гледано према снимката каде што влегува и службено лице при МВР, по што за кратко и обвинетиот Горан Ѓошевски излегува од оваа просторија и застанува да стои на средината на овој ходник,  а потоа и заминува во правец према холот „Длаборез“.

20:14:15 На снимката се гледаат службени лица при МВР со панцири и шлемови на себе, истите се движат во правец во холот „Длаборез“ према Прес центарот, а во ходникот сеуште се присутни докторите како и други НН лица.

20:15:52 Во долниот дел на снимката се појавува униформирано службено лице при МВР, истиот се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“.

20:17:05 На снимката се гледа придвижување на луѓе кои што стоеа во ходникот на овој ходник во правец према Прес ценатарот, а во средина на ходникот на една од фотелјите седи НН лице на кое што еден од докторите му пружа помош.

20:17:27 На снимката повторно се појавува обвинетиот Горан Ѓошевски во правецот од холот „Длаборез“ во правец према Прес центарот при што застанува на почетокот, пред почетокот на ходникот кој води према Прес центарот најпрвин свртен со лицето према тој ходник, а потоа застанува покрај десниот ѕид на овој ходник гледано према снимката, по што за кратко време повторно заминува во правец према холот „Длаборез“.

20:19:28 Во ходникот доаѓа едно лице дел од обезбедувањето во Собранието кое седнува на една од фотељите во ходникот и се гледа дека еден од докторите му пружа помош.

Во долниот дел на снимката во 20:19:44 се појавуваат неколку полициски службеници со шлемови на главите во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“, позади нив се движи и едно лице дел од собранискoто обезбедување. И понатаму се гледа движење на службени лица при МВР, но без панцири и шлемови на себе кои се движат во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“, а во 20:20:55 во горниот дел од снимката се појавува повторно обвинетиот Горан Ѓошевски кој доаѓа до средина на овој ходник и застанува на десниот ѕид гледано према снимката и се гледа истиот држи мобилен телефон во рацете.

20:22:42 Во долниот дел од снимката се појавува службено лице од МВР како се движи во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“.

20:23:20 Присутните лица во овој ходник меѓу кои и докторите стојат свртени со лицата према ходникот кој води кон Прес центарот од каде се појавуваат службени лица при МВР со шлемови и панцири на себе и истите се придвижуваат во правец према холот „Длаборез“.

20:24:09 Во горниот дел од снимката се гледа службено лице при МВР со шлем и панцир на себе како разговара по радио врска или мобилен телефон и истиот се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот. Позади него во делот помеѓу луѓето кои што доаѓаат во овој ходник, а за кои се гледа дека не се дел од обезбедувањето вработените во Собранието е и обвинетиот Горан Ѓошевски кој застанува до докторите, а позади него поминуваат службени лица при МВР кои се движат во

правец од Прес центарот према холот „Длаборез“, а неколку од овие полициски службеници се гледа како се поздравуваат со лицето со темно сина облека кое е постојано присутно на снимката, а стои покрај десниот ходник, покрај десниот ѕид од ходникот гледано према снимката. Обвинетиот Горан Ѓошевски и понатаму стои во овој ходник со телефонот во рацете и свртен со лицето према ходникот кој води према Прес центарот, а во 20:25:40 се гледа движење на службени лица при МВР со панцири и шлемови на себе во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот при што на кратко застануваат во ходникот, има некаква координација помеѓу нив, а десно од нив се гледа и присуство на пратеникот Н. Т. по што полициските службеници со панцири и шлемови на себе продолжуваат да се движат во правец према ходникот кој води према Прес центарот, а дел од луѓето кои што се присутни во овој ходник меѓу кои и пратеникот Н. Т. стојат свртени со лицата према ходникот кој води према Прес центарот и во 20:26:38 заминуваат во ходникот према Прес центарот, а воедно заминуваат и докторите кои се присутни во ходникот, но докторите застануваат за момент на почетокот од ходникот, гледаат надолу во правец на ходникот кој води према Прес центарот од каде доаѓаат двајца полициски службеници со панцири на себе при што докторите се приближуваат кон овие двајца полициски службеници, а потоа докторите се повлекуваат во левиот долен агол од оваа снимка. Лицата присутни во ходникот и натаму стојат свртени према ходникот кој води према Прес центарот по што еден од двајцата полициски службеници заминува во ходникот кој води према Прес центарот, а потоа му се приклучува и другиот полициски службеник откако претходно разговара со машко лице облечен во костум, а за кратко до нив поточно во средината на овој ходник доаѓа и обвинетиот Горан Ѓошевски, излегува и застанува пред просторијата од десната страна на овој ходник.

20:28:28 Се гледа како докторите со трчање заминуваат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а обвинетиот Горан Ѓошевски и други лица кои се дел од обезбедувањето во Собранието остануваат да стојат и гледаат свртени према ходникот кој води према Прес ценатарот по што обвинетиот Горан Ѓошевски заминува во горниот дел на снимката и застанува пред вратата во средниот дел од овој ходник од горниот ѕид со мобилниот телефон во рацете, а во 20:28:53 во долниот дел од снимката се појавуваат двајца полициски службеници со панцири и шлемови на себе кои носат друг полициски службеник кој не гази на едната нога, поточно на десната, го легнуваат на подот во средина на ходникот, а веднаш по нив доаѓаат и докторите и се гледа дека почнуваат да му пружаат помош. На снимката повторно се гледа и пратеникот Н.Т. кој стои свртен со лицето према ходникот кој води према Прес центарот, а двајца од докторите кои беа присутни во ходникот отидоа во правец на движење према Прес центарот.

20:29:58 Во горниот дел од снимката се гледа доаѓање на неколку полициски службеници во поголем број со панцири и шлемови на себе и

штитови во рацете во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот, двајцата доктори кои заминаа во ходникот према Прес центарот повторно се вратија во ходникот.

20:30:59 Во ходникот доаѓаат и други полициски службеници со панцири и шлемови од кои едниот седнува на фотељата при што приоѓаат две докторки и почнуваат да му пружаат помош.

20:31:57 Во горниот дел од снимката повторно се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски со телефон во рацете и свртен према средината на овој ходник, а во долниот дел на снимката во правец од кај Прес центарот се гледа доаѓање и на други полициски службеници со шлемови и панцири на себе од кои дел седнуваат на фотелјите во овој ходник, а пошто докторите почнуваат да им пружаат помош, а дел повторно се враќаат према ходникот кој води према Прес центарот.

20:33:36 Обвинетиот Горан Ѓошевски влегува во просторијата од десната страна на ходникот гледано према снимката, а во средина на ходникот и понатаму продолжува пружањето на помош од страна на докторите врз службените лица при МВР.

20:34:40 На снимката се гледа како на еден од полициските службеници при МВР на кој му се пружа помош и седи на една од фотељите во ходникот му е преврзана главата, машкото НН лице со темно сина облека кое е постојано присутно на оваа снимка за кратко нешто се обраќа према докторите, а од просторијата од десната страна на овој ходник гледано према снимката излегуваат две НН машки лица облечени во костуми по што за кратко едниот од нив заминува во правец према Прес центарот, а другиот разговара со повредениот полициски службеник со преврзана глава, по што и тој заминува во правец према ходникот кој води кон Прес центарот.

20:36:49 Се гледа како полицискиот службеник со преврзана глава го става панцирот на себе додека првото, првиот полициски службеник кој што беше донесен да му се пружи помош беше легнат на средина во ходникот и понатаму лежи на подот и понатаму му се пружа помош, а во 20:37:30 се гледа раздвижување на полициските службеници и на лица кои се дел од обезбедувањето во Собранието при што со трчање истите се придвижуваат во правец према холот „Длаборез“, воедно тука се гледа и пратеникот Н. Т. кој покажува во правец према холот „Длаборез“, а на снимката и понатаму продолжува движење на униформирани полициски службеници со панцири и шплемови на себе, а дел и со штитови во рацете како се придвижуваат во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“.

Во 20:38:28 еден од докторите влегува во поросторијата десно од овој ходник гледано према снимката, по што за кратко излегува и се приклучува кон пружањето помош на полицискиот службеник кој што сеуште лежи на подот, а во горниот лев дел на снимката се гледаат униформирани

полициски службеници со панцири и шлемови на себе и штитови во рацете како стојат покрај ѕидот од ходникот.

20:39:09 Се гледа како повредениот полициски службеник кој што лежеше на подот го креваат и го внесуваат во просторијата од десната страна на ходникот гледано према снимката.

20:39:27 Во горниот лев дел од снимката се гледа доаѓање на поголем број полициски службеници со панцири и шлемови на себе и штитови во рацете како се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот.

20:40:00 На снимката се гледа службено лице при МВР како седи на една од фотелјите во средина на ходникот по што за кратко истиот влегува во просторијата од десната страна на овој ходник гледано према снимката. Се гледа движење на лице со радио врска во десната рака во правец од Прес салата до просторијата која се наоѓа на десната страна од овој ходник, по што истиот повикува две од докторите кои се внатре и со нив заминува во правец према ходникот кој води кон Прес салата. Во ходникот се гледа, во долниот десен агол присуство на едно од лицата кои што се дел од обезбедувањето на Собранието при што за кратко им приоѓа полициски службеник, разговара нешто со него на кратко и повторно се враќа во правец према ходникот кој води кон Прес салата. Се гледа движење на луѓе како влегуваат и излегуват во просторијата по десната страна на овој ходник гледано према снимката, по што продолжува со движење во правец према ходникот кој води кон Прес салата.

20:44:34 Се гледа полициски службеник со шлем и панцир на себе како трча во правец од Прес салата према холот „Длаборез“, а по него уште еден полициски службеник кој за кратко застанува свртен према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, повторно се враќа назад према ходникот кој води кон Прес салата, со раката повикува некого по што за кратко се гледа движење на повеќе полициски службеници со шлемови и панцири на себе како се движат во правец од Прес салата према холот „Длаборез“. Понатаму во ходникот се гледаат лица кои се дел од обезбедувањето во Собранието, како и движење на полициски службеници во правец од Прес салата према холот „Длаборез“, а во 20:46:10 на снимката се појавува и пратеникот В. Ѓ. облечен во светло сина кошула кој на кракто разговара со пратеникот Н. Т. кој излегува од просторијата од десната страна на ходникот, гледано према снимката, по што двајцата се упатуваат кон правец према ходникот кој води кон Прес салата, а за кратко време се гледа како пратеникот Н.Т. се враќа и влегува во просторијата од каде што претходно излезе.

20:46:43 На снимката се гледаат неколку полициски службеници со шлемови и панцири на себе како се движат во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот. По нив се гледа како се упатува и пратеникот Н.Т., а пратеникот В. Ѓ. заминува во ходникот лево кој води према холот „Длаборез“.

20:47:25. На снимката се гледа одблесок некаков. Повторно во 20:47:36 по што се гледа како двајца полициски службеници со панцири и шлемови на себе се упатуваат од ходникот од Прес центарот во правец према холот „Длаборез“.

20:48:28 Се гледа движење на полициски службеници од Прес центарот во правец према холот „Длаборез“ при што истите застануваат во горниот дел на снимката покрај горниот ѕид од овој ходник и за кратко еден од полициските службеници има разговор со лице кое е дел од обезбедувањето во Собранието, полициските службеници стојат во горниот лев агол, се гледа дека има некаков разговор помеѓу нив по што двајца заминуваат во правец према Прес салата, а останатите се движат во правец према холот „Длаборез“. Повторно на снимката се гледа пратеникот В. Ѓ. кој се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот.

20:49:47 Се гледа неколку полициски службеници како се движат во правец према холот „Длаборез“ од кај Прес центарот сите се со панцири и шлемови на себе.

20:52:35 Во горниот дел од снимката се гледа како неколку полициски службеници со панцири и шлемови стојат и разговараат по што еден со трчање се упатува во правец према ходникот што води кон Прес центарот.

20.52:48 Се гледаат двајца полициски службеници кои носат дрвена скала во правец од Прес центарот према холот „Длаборез“. Покрај нив поминува пратеникот Н.Т. и влегува и застанува пред просторијата од десната страна на овој ходник гледано према снимката. Во долниот дел на снимката се гледа движење на полициски службеници од Прес цнетарот према просторијата од деснатата страна на овој ходник.

20:53:27 На снимката се гледаат две докторки како излегуваат од просторијата од десната страна на ходникот со торби во рацете при што разговаарат со едно машко лице кое им покажува нешто со раката во правец према Прес центарот.

20:53:53 Се гледа вртење на полициските службеници кои што се присутни во ходникот во правец према холот „Длаборез“, а воедно истото го прават и двете докторки кои што се блиску до ходникот при што се упатуваат по тој ходник.

20:54:13 Во еден дел од снимката се гледа чад, по што се гледа како чадот се шири низ ходникот, видливоста на снимката се намалува.

20:54:58 Се гледа како една од докторките како разговара со полициски службеник со панцир и шлем на себе со што со раката докторката покажува во правец према Прес центарот. Во долниот дел од снимката се гледа движење на полициски службеници со шлемови на себе во правец од Прес центарот према горниот дел на снимката, а потоа истите овие

полициски службеници се гледа како се враќаат во правец према Прес центарот.

20:56:00 И понатаму има чад во овој ходник.

20:56:17 Во долниот дел од снимката се гледа движење на повеќе полициски службеници со панцири и шлемови на себе, а помеѓу нив и лица со цивилна облека со радио врска во едната рака и заедно се движат, се придвижуваат во правец према холот „Длаборез“. Се гледаат лица од обезбедувањето во Собранието како со трчање се упатуваат во правец од Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. Лицето пред малку што се виде со цивилна облека со радио врска во раката се упатува во правец према ходникот кој води кон Прес центарот во 20:57:40. Се гледа движење на полцииски службеници од просторијата од десната страна на овој ходник гледано према снимката како излегуваат и се упатуваат во правец према Прес центарот.

20:58:55 Се гледа полициски службеник со шлем на себе како се приближува држејќи со раката нешто на устата во правец од холот „Длаборез“ према ходникот кој води кон Прес центарот.

20:59:03 Се гледа полициски службеник со шлем на главата и во десната рака носи противпожарен апарат во правец од Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

21:01:10 Во горниот дел од снимката се гледаат неколку полициски службеници со панцири и шлемови на себе како разговараат, а во долниот дел од снимката се приклучуваат уште двајца полициски службеници со истата опрема во правец од Прес салата до средина на овој ходник.

21:05:04 Се гледа одблесок на снимката.

21:05:12 Повторно е гледа силен одблесок на снимката.

21:05:26 Се гледа како во ходникот се појавува полициски службеник со шлем на себе и панцир во правец од ходникот од кај холот „Длаборез“ према Прес центарот при што кога се доближува до една од фотелјите на ходникот истата ја шутира со нога, а позади него се движи машко лице од обезбедувањето во Собранието кое ги повикува докторките кои што се наоѓаат во просторијата од десната страна на ходникот по што тие со трчање се упатуваат во правец према холот „Длаборез“. Лицето кое пред малку се виде со цивилна облека и радио врска во рацете со светло сини тренерки на себе повторно се гледа на снимката движејќи се од холот „Длаборез“ према Прес центарот. Во горниот дел од снимката се гледа како се собираат неколку полициски службеници со шлемови на глава и панцири на себе како разговараат помеѓу себе по што едниот од нив заминува во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, двајца се упатуваат кон правец према ходникот кој води према холот „Длаборез“, а потоа четвртиот полициски службеник се упатува во правец према Прес центарот.

21:08:03 Во ходникот се гледаат повеќе полицски службеници од кои двајца разговаарат по радио врска, а едниот и лицето во цивилна облека со светло сини тренерки на него, по што дел до полицисиките службеници се упатуваат во правец према Прес центарот, а дел застануваат на почетокот од ходникот кој води према холот „Длаборез“.

21:09:52 На снимката се гледа полициски службеник како во десната рака носи противпожарен апарат во правец од Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а веднаш позади него се упатува уште еден полициски службеник исто така со противпожарен апарат во рацете. Во горниот дел од снимката и натаму има присуство на повеќе полициски службеници со шлемови и панцири на себе, а во средина помеѓу нив стои лицето во цивилна облека со сиви тренерки на него, истиот нешто им кажува по што тоа лице се упатува во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, додека останатите полициски службеници остануваат во горниот дел од снимката.

21:12:15 Во горниот дел од снимката се гледа полициски службеник со шлем и панцир на себе како со десната рака снима со камера во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а по ова во ходникот доаѓа возрасно НН машко лице за кое се гледа дека не е вработен во Собранието, истиот разговара нешто со еден од полициските службеници кој што седи на фотелјата во средина на ходникот, се гледа како со прстот од десната рака нешто му зборува и мафта, околу него стојат, околу ова лице стојат и други полициски службеници со шлемови и панцири, по што полициските службеници се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а возрасното машко лице застанува на почетокот од просторијата од десната страна на овој ходник гледано према снимката, разговара со едно лице кое што излегува од истата просторија, по што двајцата се упатуваат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот. Во горниот дел од снимката и понатаму се гледа полициски службеник со шлем и панцир на себе како снима со десната рака во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. Има движење на полициски службеници во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот и обратно. Во долниот дел од снимката се појавува полициски службеник преврзан на главата кој се движи од правец на Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

21:19:38 На снимката се гледа две од докторките кои беа во просторијата од десната страна на ходникот како со трчање се упатуваат према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а од правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот се гледа како се движи во овој момент пратеникот В.Ѓ.. Во средниот дел на снимката се гледаат двајца полициски службеници, кој едниот седи на една од фотелјите, другиот стои по што за кратко доаѓаат уште неколку полициски службеници со шлемови и панцири на себе во правец од кај холот „Длаборез“ до средината на овој ходник во горниот дел од снимката и си разговараат нешто помеѓу себе, од кој едниот полициски службеник се гледа дека пуши цигара, а истото

тоа го прави полицискиот службеник кој што седи на една од фотелјите во ходникот. Се гледа полициски службеник на кој му е преврзана десната рака, кој најпрвин стои во средина, а потоа влегува во просторијата од десната страна на овој ходник гледано према снимката, а за кратко време после него влегуваат поголем број на луѓе во истата просторија.

21:24:35. Се гледа движење на полициски службеници во горниот дел од снимката во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез", а во долниот дел на снимката се гледаат уште неколку полициски службеници кои имаат некаков разговор помеѓу себе, по што еден од полициските службеници зема летва од левата страна на оваа снимка и со истата влегува во просторијата од десната страна на овој ходник, а еден од полициските службеници во ходникот зима некој предмет од доле на подот по што влегува во просторијата од десната страна на ходникот, се гледа женски полициски службеници кој на кратко зима една летва во ходникот по што ја фрла, а од ходникот се гледа како две машки лица носејќи изнесуваат полициски службеник во правец према ходникот кој води према Прес центарот. Од истата просторија се гледа како излегува уште еден полициски службеник кој куцка со едната нога додека се движи, во горниот дел на снимката и натаму има присуство на полициски службеници со панцири на себе, се гледа дека разговараат нешто помеѓу себе, при што остануваат да стојат во средниот дел на овој ходник.

21:28:30 Во ходникот во горниот дел од снимката се појавува на кратко една од докторките по што истата повторно се враќа во правец према холот „Длаборез". На снимката се гледаат двајца полициски службеници со панцири на себе како седат на фотелјите на средина на овој ходник по што доаѓаат уште неколку полициски службеници.

21:30:37 На снимката се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како се приближува од правецот од холот „Длаборез" и влегува во просторијата од десната страна на овој ходник држејќи го палтото во левата рака, па откако влегува во просторијата во исто време стануваат полициските службеници кои седеа на фотелјите на средина од ходникот и застануваат во ходникот свртени со погледот во правец према холот „Длаборез" по што за кратко овие полициски службеници се упатуваат во правец према холот „Длаборез", од кои само еден останува да стои во овој ходник, но за кратко и тој се упатува во истиот правец. Во долниот дел од снимката се гледа движење на машко лице со бела блуза со долги ракави и кафеаво елече и истиот се движи во правецот од холот „Длаборез" према Прес центарот.

Во долниот дел од снимката 21:35:37 се гледа машко лице со пакет води во една од рацете кое се движи во правец од Прес центарот до средината во горниот дел од овој ходник по што водите ги остава од левата страна на ходникот, па за кратко време ги зима и влегува во просторијата од десната страна на ходникот гледано према снимката.

21:36:52 На снимката се гледа полициски службеник како со трчање доаѓа од ходникот од кај холот „Длаборез" до просторијата од десната страна на

овој ходник, застанува на почетокот од истата, се гледа дека разговара со некого по што по него излегува лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави, а потоа  и полициски службеник со шлем и панцир на себе, а по кратко време од истата просторија излегува и обвинетиот Горан Ѓошевски кој исто така се упатува во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

21:37:46 Во горниот дел од снимката се гледа како повеќе луѓе носат повредено лице, истото го внесуваат во просторијата од десната страна на ходникот гледано према снимката. По нив доаѓаат двајца полициски службеници со шлемови и панцири на себе, една од докторките која со трчање веднаш се враќа во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а позади нив е и обвинетиот Горан Ѓошевски кој за кратко влегува во просторијата од десната страна на овој ходник по што повторно се враќа во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

21:39:24 На снимките се гледаат како доаѓаат двете докторки и влегуваат во просторијата од десната страна на ходникот гледано према снимката, а доаѓаат од кај ходникот кој води кон холот „Длаборез“. Се гледа движење на машко лице со темно сино елече на себе во правец од кај Прес центарот према холот „Длаборез“ кој во десната рака држи радио врска, истиот за кратко време влегува во простријата на десната страна на ходникот по што продолжува во правец према холот „Длаборез“ од каде доаѓа обвинетиот Горан Ѓошевски носејќи нешто во рацете, а пред него има друг полициски службеник кој исто така влегува во просторијата од десната страна на овој ходник гледано према снимката, по што обвинетиот Горан Ѓошевски повторно се враќа во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. Во горниот дел од снимката повторно се гледа машкото лице со бела блуза со долги ракави и кафеаво елече истиот разговара со еден полициски службеник во униформа.

21:43:06 На снимката се гледа обвинетиот Крсто Мукоски како се движи во правец од холот „Длаборез“ према ходникот кој води кон Прес центарот. Во горниот дел од снимката се гледаат повеќе полициски службеници  во правецот од холот „Длаборез“ спрема ходникот кој води кон Прес центарот, повеќето од нив се со шлемови и панцири на себе, а помеѓу нив беше и лицето со радио врска со темно сино елече кое претходно излезе од просторијата од десната страна на ходникот и се упати во правец на холот „Длаборез“. Дел од полициските службеници остануваат да стојат во овој ходник, по што за кратко и тие се упатуваат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот.

21:46:07 На снимката повторно се гледа како доаѓа обвинетиот Горан Ѓошевски влегува во просторијата од десната страна на овој ходник гледано према снимката, до него има и полициски службеник.

21:46:35 Се гледа движење на луѓе кои не се дел од вработените во Собранието, а помеѓу нив, односно позади нив има полициски службеници со шлемови и панцири на себе, истите се движат во правец од Прес

центарот према холот „Длаборез“, се гледа повторно обвинетиот Горан Ѓошевски како излегува од просторијата од десната страна на овој ходник кој што се упатува во ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

21:47:26 Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски заедно со уште еден полициски службеник како носат врата и истата ја спуштаат на подот од ходникот. Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како разговара со лицето со радио врска кое пред малку беше во ходникот со темно син елек на себе, до нив има уште две лица, истите стојат точно пред ходникот кој води кон Прес центарот, а на снимката присутно е и лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави, кој НН возрасното лице кое се гледа дека не е вработен во Собранието го упатува према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. Но возрасното лице и понатаму останува во ходникот по што и на обвинетиот Горан Ѓошевски нешто му кажува, а ова лице продолжува да се движи во правец према Прес центарот додека обвинетиот Горан Ѓошевски заминува по ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

21:52:06 На снимката се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како со уште едно лице носат дрвен предмет кој го ставаат на подот, а позади нив се движат полициски службеници со шлемови и панцири на себе во правец од холот „Длаборез“ према ходникот кој води кон Прес центарот, бројот на полициски службеници е поголем кои се движат во овој правец. Дел од полициските службеници застануваат пред вратата од просторијата од десната страна на овој ходник. Од просторијата излегува повторно обвинетиот Горан Ѓошевски по што еден полициски службеник со уште едно друго машко лице го внесуваат дрвениот предмет во оваа просторија, а во позадина на снимката се гледа уште поголем број на полициски службеници со шлемови и панцири и штитови на себе како се движат во правец од холот „Длаборез“ према ходникот кој води кон Прес центарот, во 21:54:27 од просторијата се гледа како изнесуваат еден повреден полициски службеник кој го поставуваат врз дрвениот долг предмет на подот на ходникот по што го креваат и изнесуваат во правец према ходникот кој води према Прес центарот. Во средина на ходникот се гледаат двајца полициски службеници како разговараат помеѓу себе и истите гестикулираат со рацете во правец на движење према ходникот кој води кон Прес центарот.

21:56:28 Обвинетиот Горан Ѓошевски заедно со лицето со радио врска и темно син елек на себе излегуваат од просторијата од десната страна на ходникот и се упатуват во правец према холот „Длаборез“, а во тој правец за кратко се појавува една од докторките и влегува во простириите од десната страна на ходникот гледано према снимката. На средина од снимката спротивно се гледаат двајца полициски службеници како разговараат нешто помеѓу себе, а во долниот дел од снимката се гледа движење на полициски службеници од ходникот кои доаѓат од Прес центарот и истите влегуваат во просторијата на десната страна на овој ходник по што двајцата полициски службеници директно разговараат на средина на ходникот, влегуваат во една просторија покрај горниот ѕид на

ходникот, а во ходникот повторно се враќа обвинетиот заедно со лицето со радио врската и со темно син елек на себе и разговараат нешто помеѓу себе, по што лицето кое има радио врска започнува да разговара на мобилен телефон и се упатува во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а обвинетиот Горан Ѓошевски влегува во просторијата од десната страна на овој ходник гледано према снимката. Во овој момент на снимката не се гледа присуство на ниту едно лице.

Снимката завршува во 22.00:00.

Од снимката јасно се виде присуството на повеќе обвинети и тоа Горан Ѓошевски, Абдуљфета Алими, Вилијам Михајловски, Никола Митревски, Младен Додевски, Јане Ченто, Влатко Трајковски и Мунир Пепиќ кои се движат по ходникот кој води кон Прес центарот. Кон Прес центарот се движат повеќе луѓе меѓу кои и маскирани лица, при што пред сите кои одат кон Прес центарот прв избива обвинетиот Вилијам Михајловски, кој во еден момент се врти према луѓето кои што се позади него и ги повикува со едната рака, ракоплеска и продолжува да се движи нанапред, а меѓу нив има и луѓе со фантомки на главите. Обвинетиот Горан Ѓошевски и на оваа снимка се гледа како со рака им го покажува правецот кон Прес центарот. На снимката јасно се видоа повредени полициски службеници, но и медицинска екипа, а се виде и присуството на Н. Т. и В. Ѓ..

УСБ 5 камера 15, фајл 20170428191225

Снимката започнува со време 18:45:03. На снимката се гледа ходник со фотељи со поглед кон холот кој води кон Прес салата. На снимката се гледа затворена врата во горниот дел од снимката и во моментот нема присуство на лица во овој ходник, а во 18:45:30 во ходникот од позади вратата доаѓа обвинетиот Иван Цветановски.

18:52:40 На снимката прв се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски кој со трчање се приближува према вратата која се гледа во горниот дел од оваа снимка, истиот се врти према луѓето кои се движат позади него, а прв помеѓу тие луѓе е обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, темни фармерки и црно-сива маица, кој става црна фантомка на главата, при што обвинетиот Горан Ѓошевски со левата рака се упатува према левиот дел од вратата каде што е системот за отворање на вратата, а во истиот момент обвинетиот Никола Митревски со десната нога удира во вратата потпирајќи се со левата рака на обвинетиот Горан Ѓошевски по што вратата се отвара. Позади во групата луѓе прво има лице со маскирна блуза и јакна со капуљача на главата, а веднаш позади него е обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче на главата, црна фантомка, црна блуза со долги ракави и темни фармерки. Помеѓу нив, односно позади нив е и обвинетиот Младен Додевски кој носи црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави и сини бермуди, а обвинетиот Горан Ѓошевски се движи покрај левиот ѕид од овој ходник, гледа према

снимката, ги гледа луѓето и со десната рака ги повикува луѓето надолу, а со левата рака им покажува правец на движење надоле во насока према ходникот кој води кон Прес центарот по што истиот продолжува да се движи во десниот дел од снимката, а тоа поточно е према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

18:52:56 Непосредно пред вратата во горниот дел од снимката се гледа обвинетиот Дејан Давидовски, со бела маица со кратки ракави, црна фантомка на главата и црна торбичка префрлена преку рамото, а позади него е обвинетиот Митре Питроповски со црвени патики, црни панталони, црна јакна со долги ракави од истата се гледа горен дел од црвена маичка и црно безбол капче на главата. Сите продолжуваат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот. Во првиот момент на оваа снимка кога се приближи толпата и кога се виде дека обвинетиот Никола Митревски со нога удира во вратата од ударот на ногата се крши стаклото на вратата. Обвинетиот Горан Ѓошевски заминува во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

18:53:20 Се гледа лице машко лице како со трчање се упатува од ходникот од кај Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. Се гледа НН машко лице кое доаѓа од истиот правец како и претходното, за момент застанува на вратата и го гледа најверојатно скршеното стакло долу на подот.

18:54:17 На снимката се гледаат обвинетите Стефан Младеноски со темни фармерки, црна блуза со долги ракави, црно безбол капче и црна фантомка на главата, а веднаш позади него е и обвинетиот Митре Питроповски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави, црни панталони и црвени патики, истите се движат во правец од ходникот кој доаѓа од кај Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. Со нив се враќа и лицето со зелено-маскирна јакна со капуљача на главата. Од ходникот од кај холот „Длаборез“ до средината на овој ходник се приближува лице облечено во црн костим, ги гледа луѓето кои што се движат во ходникот, а кои се гледа дека лицата не се вработени во Собранието.

Ова лице повторно се враќа до средината на овој ходник, а со него во придружба е и лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави од претходната снимка што се гледаше постојано. Истите се движат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, при што се гледа дека лицето со прљаво бела кошула со нозете шутира нешто на подот, најверојатно делови од скршеното стакло од вратата.

18:56:25 На снимката се гледа обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, темни фармерки, црна блуза со долги ракави и црна фантомка на главата, позади него и обвинетиот Младен Додевски со сини бермуди, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна на маицата и црна фантомка на главата, истите се движат во правец од ходникот кој води према Прес центарот према ходникот кој води према

холот „Длаборез“. Помеѓу нив, помеѓу групата луѓе кои се движат во истиот правец е и обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави, темни фармерки и црна торбичка префрлена преку рамото

18:56:39 На снимката се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како доаѓа во правецот од холот „Длаборез“ со телефон во рацете, разговара со две лица присутни во ходникот од кои едниот е дел од обезбедувањето во Собранието по што за кратко време обвинетиот се враќа према истиот правец од каде што дојде.

18:58.27 Се гледа НН машко лице како се движи од ходникот од кај Прес центарот во правец према ходникот кој води према холот „Длаборез“. Позади него се гледа и друго НН машко лице облечено во костум кој се движи во истиот правец.

18:59:15 Се гледа обвинетиот Иван Цветановски кој доаѓа од кај ходникот од холот „Длаборез“, се упатува према ходникот кој води кон Прес салата по што од тој ходник излегуваат три машки лица, еден дел од обезбедувањето на Собранието, а другите двајца, едниот во темно сина облека, а другиот облечен во прљаво бела кошула со кратки ракави кои беа постојано присутни на оваа снимка и на претходната снимка, а позади нив поминува пратеникот А. М..

19:01:08 Обвинетиот Иван Цветановски се враќа према ходникот кој води кон холот „Длаборез“ заедно со уште едно НН женско лице.

19:01:28 На снимката се гледа обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, темни фармерки, црна блуза со долги ракави и во моментот кога се приближува во ходникот се гледа како става црна фантомка на главата, позади него се приближува група на луѓе, меѓу групата луѓе е и обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка, црна блуза со долги ракави и темни фармерки, 19:01:45 кон оваа група која што застанува непосредно пред скршената врата, односно скршеното стакло од вратата, доаѓаат и обвинетите Илија Славевски од левата страна на столбот со црна маица со кратки ракави и црни три - четврт панталони и црна фантомка на главата, а десно од него е и обвинетиот Митре Питроповски со црна маска на главата, црна облека на себе и црвени патики. Оваа група застанува на кратко пред вратата, се гледа дека обвинетиот Илија Славевски некого повикува со десната рака, а за кратко во 19:01:58 во групата доаѓа и обвинетиот Горанче Анѓеловски со сива долна тренерка, црна блуза со долги ракави и црна фантомка на главата, позади него има уште едно машко лице со црна фантомка на главата и црна облека на себе, сите тие се упатуваат во правец према ходникот кој води кон Прес салата, а позади нив е и лицето со прљаво бела кошулата со кратки ракави кое постојано се гледа и на оваа снимка и на претходната, а во ходникот присутно е и лицето со темно сина облека на себе. Овие две лица стојат во средината од овој ходник.

19:04:10 На снимиката се гледаат обвинетите Митре Питроповски со црна фантомка на главата, црна облека на себе и црвени патики, позади него е обвинетиот Горанче Анѓеловски со сиви долни тренерки, црна блуза со долги ракави и црна фантомка на главата, позади нив е уште едно машко лице со црна фантомка на главата и црна облека на себе, сите тие се движат во правец од ходникот кој доаѓа од кај Прес центарот и се упатуваат према ходникот кој води према холот „Длаборез“, а во овој ходник и понатаму се присутни двете лица, едниот со темна сина облека на себе, а другиот со прљаво бела кошула со кратки ракави. Во ходникот има присутно и НН машко лице кое разговара со овие две лица, по што тоа НН машко лице се упатува во ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

На снимката 19:05:55 се гледаат двете лица кои се континуирано присутни, едниот во темно сина облека, а другиот со прљаво бела кошула со кратки ракави, истите нешто на кратко гледаат према ходникот кој води кон Прес центарот, кој што се придвижуваат во долниот дел на снимката и застануваат свртени према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а потоа повторно се враќаат и застануваат пред ходникот кој води кон Прес центарот. Лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави се гледа како разговара на мобилен телефон. Во ходникот во 19:08:19 се појавува обвинетиот Стефан Младеноски кој носи црно безбол капче, црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави, темни фармерки, а се движи во правец од ходникот кој води према Прес центарот кон ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

Во 19:08:51 повторно во ходникот се враќа обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка, црна блуза со долги ракави, темни фармерки, а позади него е обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црна блуза заврзана на половината, темни панталони и бели патики, позади нив има лице со црна фантомка на главата, кратки тексас бермуди и црвени патики, а позади него е обвинетиот Захарие Симовски, со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела капуљача и црни панталони, а веднаш позади него е обвинетиот Игор Југ без маска, со црна маица со кратки ракави, позади него е обвинетиот Младен Додевски, со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и сини бермуди, а позади него е обвинетиот Вилијам Михајловски, со црна маица со кратки ракави, со бел натпис позади на маицата, црвена блуза врзана на половината, темни фармерки, не носи маска, а во позадина се гледа обвинетиот Дејан Давидовски, со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави со црна апликација на предната страна и црна торбичка префрлена преку рамото, сите тие се движат во правец од холот „Длаборез“ према ходникот кој води кон Прес центарот.

19:09:12 Меѓу групата луѓе која се движи во овој правец доаѓа и обвинетиот Горан Ѓошевски со телефонот во раката, истиот застанува покрај левиот ѕид од овој ходник гледано према снимката по што влегува

во една од просториите во ходникот, од таа просторија излегуваат двете лица кои што се постојано присутни на снимката, едниот во темно сина облека, а другиот во прљаво бела кошула со кратки ракави.

Во 19:10:26 излегува и обвинетиот Горан Ѓошевски, ја затвара вратата од просторијата од која излегува и се упатува во правец према холот „Длаборез". Се гледа движење на лица кои се дел од обезбедувањето во Собранието.

Во 19:10:54 во правецот од холот „Длаборез"  према ходникот кој води кон Прес центарот, лицето со темно сина облека кое е постојано присутно во ходникот во 19:12:43 се гледа како разговара на мобилен телефон. Од ходникот кој доаѓа од Прес центарот излегуваат две машки лица и се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез".

19:12:09 Во ходникот кој води према Прес центарот излегуваат три машки лица од кои две со фантомки на главите, а третиот, обвинетиот Вилијам Михајловски кој не носи маска на себе е облечен во црна блуза со кратки ракави, со црвена блуза врзана на половината и темни фармерки и сите тројца се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез".

19:14:59 Во ходникот се појавува обвинетиот Никола Митревски со крената фантомка на главата, разговара на мобилен телефон носи црна блуза со долги ракави, темни фармерки и зелени патики и истиот се движи во правец од ходникот кој води према Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез" .

19:15:24 Во долниот дел на снимката се гледа дека двете лица кои се постојано присутни едниот во прљаво бела кошула облечен, а другиот во темно сина облека на себе со трчање како се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез".

19:15:56 Во ходникот се гледа како влегува поголема група на луѓе, меѓу првите е и обвинетиот Вилијам Михајловски кој со забрзано одење застанува прв од групата луѓе и непосредно пред вратата се врти према останатите луѓе и со десната рака ги повикува, а се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот. Воедно истиот и ракоплеска со рацете горе над главата. Во оваа група се гледа дека има поголем број на луѓе и сите тие се движат во правец према Прес центарот.

19:16:16. Во левиот дел од снимката покрај левиот ѕид од ходникот гледано према снимката се гледа лицето со темно сина облека кое што е постојано присутно на оваа снимка и истиот застанува свртен со лицето према групата луѓе кои се движат во правец према Прес центарот, према ходникот кој води кон Прес центарот. На снимката се гледа и машко лице со знаме во раката, возрасно машко лице со знаме во раката, а во 19:16:45 во левиот долен агол на снимката се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ како се поздравува со машкото лице облечено во сина облека, обвинетиот продолжува да се движи помеѓу групата луѓе во правец према Прес

центарот, а во долниот дел од снимката во 19:17:02 од левата страна покај ѕидот во ходникот се гледа лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави како покажува правец на движење надолу, а тоа е према ходникот кој води кон Прес центарот, а десно од него е обвинетиот Горан Ѓошевски кој исто така се гледа како покажува правец на движење надолу према ходникот кој води кон Прес центарот. Истиот застанува покрај левиот ѕид од ходникот, разговара со лице во црвена маица, ја гледа групата луѓе која што се приближува кон ходникот кој води према Прес центарот, до него се доближува лицето со темно сина облека кое е постојано присутно на снимката, па откако овие лица заминуваат во ходникот према Прес центарот, обвинетиот заминува во правец према холот „Длаборез“, а во горниот дел на снимката во 19:17:31 се гледа машко лице облечено во црн костим како пробува да ја затвори вратата од ходникот која води према Прес центарот при што во еден момент со нога ја мава вратата, а потоа ја затвара на кратко, но потоа повторно ја отвора вратата и низ неа поминува НН машко лице, а во позадина доаѓа машкото лице со прљаво бела кошула со кратки ракави и му покажува со рацете да ја остави вратата отворена при што истите кон левата врата поставуваат и противпожарен апарат и ги оставаат двете врати отворени од овој ходник кој води према Прес центарот.

Во 19:18:59 во ходникот се гледа како се приближуваат неколку луѓе кои што се движат во правецот од Прес центарот према холот „Длаборез“, меѓу нив има и лица со црни фантомки на главите, има едно НН женско лице со црн ранец на грбот и сина маица со кратки ракави, двете лица кои се постојано присутни на снимката едниот во темно сина облека, а другиот во прљаво бела кошула со кратки ракави разговараат со НН женско лице и потоа сите тројца заедно се упатуваат во ходникот кој води према холот „Длаборез“. Понатаму има движење од ходникот од Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

Во 19:20:15 на снимката се гледаат обвинетиот прво е Михаел Младеноски со црна маска на главата, црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината, темни фармерки и бели патики, позади него е обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче на главата, црна маска фантомка на главата, црна блуза со долги ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, темни фармерки, а позади него е обвинетиот Захарие Симовски, со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со голема хоризонтална линија на предната страна и црни панталони. Истите се движат во правец од ходникот од каде се оди кон Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. На снимката повторно се гледа женското лице со црн ранец на грбот и сина маичка со долги ракави и истата се движи во правец од холот „Длаборез“ према Прес центарот. Се гледаат три машки лица во 19:20:50 како се движат во правецот од кај Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а во долниот дел на снимката и натаму се гледа како стојат двете лица кои се постојано присутни на оваа снимка, едниот во темно

сина облека, а другиот во прљаво бела кошула со кратки ракави и истите разговараат со едно машко лице возрасно за кое се гледа дека не е вработен во Собранието.

Во 19:21:37 во ходникот се појавува обвинетиот Младен Додевски со мобилен телефон во рацете, со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и со сини бермуди, во горниот дел од снимката се гледа присуство на повеќе лица меѓу кои има и дел од обезбедувањето во Собранието, истите се приближуваат во правец кон Прес центарот према холот „Длаборез“, а лицето со темно сина облека кој е постојано присутно и натаму стои во ходникот и го следи движењето на луѓето.

19:23:13 Се гледа НН машко лице како се движи во правец од ходникот према Прес центарот према холот „Длаборез“.

19:24:12 Во ходникот се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски кој не носи маска, со црна маица со кратки ракави, со црвена блуза врзана на половината и темни фармерки, со бела апилкација на предната страна на маицата. Истиот се движи во правец од ходникот кој води од Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:25:03 Во ходникот со трчање се појавува НН машко лице, истиот се упатува во правец према ходникот кој води према Прес центарот.

Во 19:25:08 во ходникот се појавува и обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела хоризонтална линија на предната страна, црни панталони, бела капуљача, позади него се движат луѓе, помеѓу луѓето и обвинетиот Вилијам Михајловски кој не носи маска со црна маица со кратки ракави, црвена блуза врзана на половината и темни фармерки и со бела апликација на предната страна истиот прави некакви движења со рацете.

19:25:17 На снимката се појавува и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и со сини бермуди, а позади него се појавува обвинетиот Никола Митревски без маска, со зелени патики, темни фармерки и црна блуза со долги ракави.

19:25:21 На снимката се појавува и обвинетиот Михаил Младеноски со црна маска на главата, црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината, црни панталони и бели патики и сите тие се движат во правец према ходникот кој води према Прес центарот. Во горниот десен дел од снимката се гледа лицето со темно сина облека како зборува со друго НН машко лице, а до нив стои едно лице со врзано знаме на грбот.

19:26:08 Повторно се гледа обвинетиот Никола Митревски без маска, со црна блуза со долги ракави, темни фармерки и зелени патики, позади него има друго машко лице со горна сива тренерка и долна црна тренерка и

истите се движат во правец према ходникот кој води во правец кон холот „Длаборез“.

19:26:31 На снимката повторно се појавува обвинетиот Никола Митревски меѓу групата луѓе кои се движат во правец од холот, од ходникот кој доаѓа од кај холот „Длаборез“ према ходникот кој води према Прес центарот.

19:26:35 На снимката се гледа и обвинетиот Јане Ченто во темна сина, во темна или црна јакна, не носи маска, има брада на лицето, а во моментот стои точно позади белиот столб, а позади него има машко лице со јака сина маица, темна блуза со долги ракави и префрлена торбичка преку рамото и обвинетиот Јане Ченто се движи меѓу групата луѓе кои одат према ходникот кој води према Прес центарот.

19:26:52 Во левиот дел од снимката покрај левиот ѕид од ходникот гледано према снимката се гледа лицето со темно сина облека кое е постојано присутно на оваа снимка како се поздравува со луѓе, со дел од луѓето кои се движат во правец према ходникот кој води према Прес центарот, а за кои се гледа дека не се вработени во Собранието. Во горниот десен дел од снимката се гледаат група луѓе како стојат и разговараат помеѓу себе, а помеѓу нив е и лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави кое постојано е присутно на оваа снимка, луѓето и понатаму се движат во правец спрема ходникот кој води кон Прес центарот, станува збор за поголема група на луѓе.

19:28:18 На снимката се појавува обвинетиот Горан Ѓошевски, застанува покрај левиот ѕид од ходникот гледано према снимката, покрај него се двете лица кои се постојано присутни на оваа снимка, едниот е во темно сина облека, а другиот во прљаво бела кошула со кратки ракави, пред нив поминуваат луѓе за кои се гледа дека не се вработени во Собранието, а обвинетиот Горан Ѓошевски се гледа дека дава некаква гестикулација со левата рака. Луѓето се движат во правец према ходникот кој води према Прес центарот, а гестикулацијата на обвинетиот беше во истиот правец, по што обвинетиот се враќа према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, за кратко застанува, разговара со некое од лицата кои се движат према ходникот кој води кон Прес центарот, а потоа продолжува во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:28:58 Во десниот долен агол на снимката се гледа обвинетиот Никола Митревски без маска како зборува на мобилен телефон, во десната рака со црна блуза со долги ракави, темни фармерки и зелени патики. На снимката и понатаму има движење на група луѓе во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а во 19:29:50 на снимката се гледа обвинетиот Михаел Младеноски кој за кратко застанува покрај левиот ѕид на ходникот гледано према оваа снимка кој носи црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината, црни панталони и бели патики.

19:30:14 На снимката се гледа движење на луѓе во правец од Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а на почетокот од ходникот кој води кон Прес центарот се гледа како стои поголема група на луѓе.

19:30:53 На снимката се гледа обвинетиот Влатко Трајковски со зелено маскирно елече и црна блуза со долги ракави кој се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот.

19:30:46 Во ходникот се појавува обвинетиот Иван Цветановски од ходникот кој доаѓа од кај холот „Длаборез“ и истиот се придвижува во правец од ходникот кој води према Прес центарот, застанува непосредно пред ходникот, ги гледа луѓето кои што се движат во овој правец по што се враќа према истиот тој правец од каде што дојде, а тоа е према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:31:16 На снимката се гледа движење на повеќе луѓе во правец од ходникот кој води према Прес центарот према ходникот кој води према холот „Длаборез“, а меѓу тие луѓе е и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и сини бермуди. Луѓето и понатаму продолжуваат да се движат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:31:56 Во ходникот се појавува обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави, црна апликација на предната страна, со црна торбичка префрлена преку рамото и темни фармерки. Истиот се движи во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:32:28 Во ходникот се појавува обвинетиот Вилијам Михајловски со црна маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна, црвена блуза врзана на половината, истиот се движи во правец од ходникот од каде се оди према Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:33:36 Во ходникот се појавува лице со врзано знаме на грбот и истиот се движи во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, позади него се движат и повеќе машки лица, а меѓу нив се и двете лица кои што се постојано присутни на снимката, едниот во темно сина облека, а другиот во прљаво бела кошула со кратки ракави.

19:34:22 Обвинетиот Вилијам Михајловски повторно се гледа на снимката со темни фармерки, црна блуза со кратки ракави и со бел натпис на позадина на грбот и црвена блуза врзана на половината, истиот се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот. Во ходникот се забележува присуство на лица кои се дел од обезбедувањето на Собранието.

Во 19:35:07 на снимката повторно се гледа лицето со врзано знаме на грбот како зборува на мобилен телефон и се движи према ходникот кој води према Прес центарот.

19:36:25 Во ходникот се гледаат лица со ранци на грб, како се движат во правец од ходникот кој доаѓа од Прес центарот према холот „Длаборез“. Продолжува движењето на луѓе од правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а меѓу нив има и лица со фантомки на главите.

19:38:08 Во ходникот се појавува обвинетиот Горан Ѓошевски, истиот се приближува во правец према ходникот кој води према Прес ценатарот, застанува на кратко свртен со лицето према овој ходник, гледа натаму по што влегува во просторијата од левата страна на овој ходник гледано према снимката.

19:38:39 На снимката се појавува обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, со три-четврт панталони, со левата рака покажува нешто нанапред во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“ и продолжува да се движи во тој правец, а во меѓувреме помина покрај лицето во темно сина облека кое што е постојано присутно на оваа снимка.

19: 39:05 На снимката се гледа службено лице при МВР со шлем и панцир на себе, истиот доаѓа од ходникот од кај холот „Длаборез“ и се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, се разминува со луѓе кои што се движат во обратна насока према него, а за кои се гледа дека не се дел од вработените во Собранието.

19:39:41 Се гледа движење на луѓе во правец од холот „Длаборез“ према ходникот кој води кон Прес центарот. На левата страна од ходникот во 19:40:00 се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски, до него се приближува женско лице облечена во црн костум, за кратко се гледа дека разговараат по што влегуваат во просторијата од левата страна на овој ходник гледано према снимката по што за кратко женското лице, а и обвинетиот Ѓошевски излегуваат од таа просторија, а покрај нив поминуваат луѓе во правец према ходникот кој води према Прес центарот. Обвинетиот Горан Ѓошевски се гледа дека има мобилен телефон во рацете по што продолжува да се движи према ходникот кој води кон Прес центарот, а луѓе кои не се вработени во Собранието и понатаму продолжуваат да се движат во истиот правец.

19:41:53 Во ходникот се појавува службено лице при МВР со шлем и панцир на себе и истиот се движи во правец према ходникот кој води во холот „Длаборез“, позади него се движат и други луѓе меѓу кои и возрасно лице со знаме во рацете.

19:44:00 На снимката се појавува НН машко лице со црна фантомка на главата, со сиво бела маица со кратки ракави, истиот се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а од ходникот од каде се оди према Прес центарот излегуваат две машки лица со врзани знамиња на

грбовите и се упатуваат во правец према  ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:44:31 На снимката се гледаат обвинетите Иван Цветановски, Елена Божиновска и истите се движат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, позади нив има и други лица, а во средниот дел од снимката и понатаму се гледа лицето со темно сина облека кое е постојано присутно во овој ходник.

Во 19:45:05 обвинетиот Горан Ѓошевски повторно се гледа во средина на ходникот разговара со лицето со темно сина облека, обвинетиот има мобилен телефон во рацете и се движи во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:45:42 На снимката се гледа обвинетата Елена Божиновска како доаѓа од ходникот каде се оди према Прес центарот и се движи према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, истата носи циклама палто на себе.

19:46:16 Во горниот дел од снимката непосредно кај отворената врата се глда обвинетиот Иван Цветановски кој за кратко застанува во тој ходник заедно со уште едно НН женско лице по што двајцата продолжуваат да се движат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:47:45 Се гледа движење на две машки лица во правец од холот „Длаборез“ према ходникот кој води кон Прес центарот.

19:47:57 Повторно се гледа обвинетиот Иван Цветановски како се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, позади него е лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави кое е постојано присутно на снимката и НН женското лице кое што претходно си замина со него према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а во ходникот останува да стои и понатаму машкото лице со темно сина облека на себе.

19:48:51 Се гледаат три машки лица како се движат од ходникот од каде се оди во Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а позади нив за кратко се појавува уште едно машко лице со црвена маица со кратки ракави.  И понатаму има движење на луѓе во правец од Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:50:33 На снимката се појавува обвинетиот Вилијам Михајловски кој разговара на телефон, кој не носи маска на себе, со црна маица со кратки ракави, бела апликација на предната страна, темни фармерки и црвена блуза врзана на половината и истиот се упатува према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

19:51:06 Повторно се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како доаѓа до средина од овој ходник со лицето свртен према ходникот кој води кон Прес центарот од каде доаѓаат луѓе, дел кои што не се вработени во Собранието, а дел се, а позади нив е и обвинетиот Иван Цветановски кој се движи во правец према холот „Длаборез“, а обвинетиот Горан Ѓошевски се гледа како влегува во просторијата од левата страна на овој ходник

гледано према снимката, по што за кратко излегува од таа просторија, застанува покрај ѕидот од ходникот со мобилен во рацете, а тука се и двете лица кои постојано се присутни во ходникот, едниот со темно сина облека, а другиот со прљаво бела кошула со кратки ракави.

19:52:03 На снимката се гледа како кон обвинетиот приоѓа женско лице за кое се гледа дека не е вработена во Собранието, на кратко разговара со обвинетиот Горан Ѓошевски нешто и кажува и со мобилниот телефон кој го држи во левата рака покажува во правец према ходникот кој води кон Прес центарот. Во ходникот во десниот долен агол покрај двете лица кои што се постојано присутни се гледа дека приоѓа и едно машко лице со црна долга коса врзана во репче, а од ходникот од каде се оди према Прес центарот излегува машко лице со врзано знаме на грбот.

19:54:10 Од ходникот од каде се оди према Прес центарот излегуваат две машки лица кои се дел од обезбедувањето во Собранието, истите се упатуваат во правец према ходникот кој води во холот „Длаборез", а после нив во спротивниот правец поминуваат две машки лица кои се гледа дека не се вработени во Собранието и тие машки лица се упатуваат во ходникот кој води кон Прес центарот.

19:54:45 Во ходникот се појавува обвинетиот Горан Ѓошевски со телефон и цигара и истиот влегува во просторијата од левата страна на овој ходник гледано према снимката.

19:55:38 Во десниот дел горниот дел од снимката од ходникот од каде се оди према холот „Длаборез" за кратко се појавува обвинетиот Иван Цветановски по што повторно се враќа према ходникот кој води кон холот „Длаборез", а во меѓувреме обвинетиот Горан Ѓошевски излегува од просторијата во која што претходно влезе во овој ходник. Обвинетиот Горан Ѓошевски се гледа дека на кратко стои со двете лица кои што се постојано присутни во овој ходник, едниот со темно сина облека, а другиот со прљаво бела кошула со кратки ракави по што за кратко во ходникот се појавува машко лице со врзано знаме на грбот и со чадор во левата рака кој застанува непосредно пред белиот столб каде што стои обвинетиот Горан Ѓошевски. Во ходникот и натаму се гледа движење на луѓе од Прес центарот према холот „Длаборез" меѓу тие луѓе има и лица кои се дел од обезбедувањето во Собранието, а во ходникот и понатаму е присутно лицето со темно сина облека на себе заедно со уште едно НН женско лице. Во ходникот се појавува и НН женско лице во 20:00:00 со црна облека на себе и црна ташна, се гледа дека разговара на телефон, а се движи во правец кон ходникот кој води према Прес центарот до средина на овој ходник по што повторно се враќа во ходникот кој води према Прес центарот.

20:01:53 Во ходникот се појавува службено лице од МВР со панцир на себе и истиот се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот.

20:02:33 Во ходникот се гледа присуство на лица кои се дел од обезбедувањето на Собранието, истите се упатуваат, двајца од нив се упатуваат према холот „Длаборез“, а еден продолжува во правец према ходникот кој води кон Прес центарот.

20:02:46 Обвинетиот Вилијам Михајловски повторно се појавува во овој ходник со црна маица со кратки ракави, бела апликација на предната страна, со бел натпис на задната страна, со црвена блуза врзана на половината и бели патики, истиот се упатува према ходникот кој води кон Прес центарот, позади него има уште едно машко лице исто така со црна маица со кратки ракави, бел натпис на позадината од маицата, во горниот дел од снимката се гледа дека обвинетиот Вилијам Михајловски застанува и се врти према ова лице, па откако тој ќе се доближи до него двајцата продолжуваат по ходникот што води кон Прес центарот.

20:03:41 Се гледа полицискиот службеник кој пред малку се упати во правец према ходникот кој води кон Прес салата како се враќа од тој правец и се упатува према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, во ходникот има присуство и на други машки лица кои се дел од обезбедувањето во Собранието како и на лицето со темно сина облека кое е постојано тука. Се гледа движење на луѓе во правец од холот „Длаборез“ према ходникот кој води кон Прес центарот.

20:06:31 На снимката се гледа службено лице од МВР со панцир на себе како се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а позади него се појавуваат поголем број на полициски службеници со панцири и шлемови на себе и штитови во рацете и сите тие се движат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а во долниот лев дел од снимката се гледа машкото лице со темно сина облека кое постојано е присутно.

20:07:15 И понатаму продолжуваат да се движат службени лица при МВР со шлемови и панцир на себе во правец према ходникот кој води према Прес центарот, а од истиот правец излегуваат лица за кои се гледа дека не се дел од вработените во Собранието и овие лица се движат према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

20:08:30 Се гледа поголема група на луѓе како излегува од ходникот каде се влегува во Прес центарот, меѓу нив има и медицински лица доктори, овие лица застануваат покрај горниот ѕид од овој ходник, а во горниот десен агол се гледа дека има некое машко лице во црн костим и бела кошула како разговара со овие лица кои стојат околу него.

20:11:25 На снимката се гледа движење на полициски службеници со панцири, шлемови на себе и штитови во рацете во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а позади нив е и обвинетиот Горан Ѓошевски кој разговара со едно лице кое е дел од обезбедувањето во Собранието по што тоа лице заминува во ходникот кон Прес центарот, а обвинетиот останува во овој ходник да стои пред белиот столб по што за кратко

влегува во просторијата од левата страна на овој ходник гледано према снимката по што истиот излегува од просторијата, а во горниот дел од снимката и понатаму се гледа присуството на докторите.

20:14:18 Во ходникот се гледа движење на полициски службеници со панцири и шлемови на себе во правец према ходникот кој води према Прес центарот, а во истиот ходник од спротивна насока се движат луѓе према холот „Длаборез“ за кои се гледа дека не се вработени во Собранието.

20:15:48 Во ходникот се гледа како се движи полицискиот службеник со панцир на себе во правец према холот „Длаборез“, воедно во ходникот и натаму се гледа движење на луѓе кои што се дел од обезбедувањето во Собранието, а во горниот дел од снимката кај вратата, кај отворената врата од ходникот што води према Прес центарот се гледа присуство на неколку полициски службеници кои на кратко стојат таму по што се упатуваат према ходникот кој води во Прес центарот.

Во 20:17:15 дел од лицата кои стоеа во десниот горен дел од снимката заедно со докторите се упатуваат во правец према ходникот кој води во Прес центарот, а во 20:17:30 во ходникот повторно се појавува обвинетиот Горан Ѓошевски кој застанува пред, покрај левиот ѕид на ходникот гледано према снимката свртен со лицето према ходникот кој води према Прес центарот од каде што излегува машко лице што зборува на мобилен телефон по што обвинетиот повторно се враќа према ходникот што води кон холот „Длаборез“, се гледа движење на дел од лицата кои се дел од обезбедувањето во Собранието како излегуваат од ходникот кој води према Прес центарот.

20:19:43 Од ходникот од каде се оди кон Прес центарот излегуваат неколку полициски службеници со шлемови и панцири на себе, истите поминуваат покрај медицинската екипа и продолжуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а позади нив за кратко по истиот ходник се враќаат и лицата кои претходно заминаа во овој ходник, а стоеа во горниот десен агол од снимката.

Во 20:20:32 се гледа во ходникот како поминува пратеникот Н. Т., се гледа движење на полициски службеници во 20:21:06 од правец према ходникот кој води кон Прес центарот меѓу нив е и лице со светла облека, со светла сина тренерка кој разговара на мобилен телефон, а во долниот дел од снимката повторно се виде како се појавува обвинетиот Горан Ѓошевски.

20:22:38 Во ходникот се појавува полициски службеник со шлем и панцир на себе, истиот се движи во правец према ходникот кој води према холот „Длаборез“.

20:23:25 Во ходникот доаѓаат и други полициски службеници со панцири и шлемови на себе кои со трчање се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

20:24:03 На снимката повторно се гледа пратеникот Н. Т. кој се упатува во правец према ходникот кој води према холот „Длаборез“, а во тој ходник од спротивен правец се упатува полициски службеник по што за кратко и пратеникот Н. Т. се враќа во овој ходник, влегува во просторијата од левата страна на ходникот гледано према снимката, а меѓу луѓето позади него е и обвинетиот Горан Ѓошевски.

Во 20:25:00 од ходникот каде се оди према Прес центарот излегуваат неколку полициски службеници со панцири и шлемови на себе и се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез.

20:25:22 Се гледа дека докторите кои што стојат во горниот дел од оваа снимка одеднаш ставаат раце на глава и ушите, благо потклекнуваат надоле и се упатуваат десно према ѕидот гледано према снимката, по што дел од нив се враќат и гледаат према ходникот кој води кон Прес центарот, а од таму со трчање доаѓа едно машко лице кое влегува во просторијата од левата страна на овој ходник гледано према снимката по што во ходникот доаѓаат и други полициски службеници, истите стојат на почетокот на ходникот кој води према Прес центарот, а во 20:25:53 на почетокот од ходникот кај отворените врати се појавува машко лице во црн костим кој со рацете прави движење на пополека према полциските службеници и истиот се враќа назад во ходникот кој води кон Прес центарот по што дел од полициските службеници продолжуваат во истиот правец, а лицата од собраниското обезбедување меѓу кој е и обвинетиот Горан Ѓошевски кои стојат исто така во овој ходник продолжуваат и натаму да стојат во ходникот свртени со лицата према ходникот кој води кон Прес центарот при што во еден момент на почетокот од ходникот се приближуваат и докторите, а во 20:27:02 се гледаат и полициски службеници двајца со панцири и шлемови на себе и истите се приближуваат кон средината на овој ходник.

20:27:28 Се гледа трчање на докторите кои стојат во горниот десен дел од снимката према десниот ѕид гледано према снимката, а дел од лицата кои се од обезбедувањето во Собранието и натаму стојат свртени према ходникот кој води кон Прес центарот по што еден полициски службеник со панцир и шлем на себе со трчање се упатува према ходникот кој води кон Прес центарот.

20:27:42 Во ходникот се гледа дека паѓа некој поголем предмет на подот, се гледа полициски службеник со панцир и шлем на себе како повикува некого и продолжува да се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а во позадина се гледа уште еден полициски службеник со панцир на себе кој разговара со лице во црн костим, го става шлемот на себе и потоа продолжува да се движи во правец према Прес центарот.

20:28:27 Се гледа како докторите ги зимаат торбите и со трчање се упатуваат према ходникот кој води кон Прес центарот, а обвинетиот Горан Ѓошевски кој стоеше во овој ходник свртен со лицето према истиот, се упатува во правец према холот „Длаборез“ со телефон во рацете.

Во 20:28:53 Се гледа како двајца полициски службеници носат повреден полициски службеник и го легнуваат долу на подот во ходникот, а веднаш по нив се докторите, во позадина на снимката се гледа лице од обезбедувањето во црн костим како фрла дрвена рамка покрај левиот ѕид од ходникот гледано према снимката, покрај десниот, се извинувам гледано према снимката, се гледа како докторите пружаат помош на полицискиот службеник кој е легнат на подот, а едно од лицето од обезбедувањето повикува двајца од докторите и со нив се упатува во правец према ходникот кој води према Прес центарот, по што за кратко истите, докторите се враќаат во овој ходник.

20:29:59 На снимката се појавуваат повеќе полициски службеници со панцири и шлемови на себе, а дел и со штит во рацете, истите се упатуваат према ходникот кој води кон Прес центарот.

20:30:56 Во ходникот се појавуваат уште неколку полициски службеници со шлемови и панцири на себе од кои едниот седнува на фотелјата во овој ходник по што му приоѓа една од докторките, односно две и се гледа дека му пружаат помош. Се гледа полициски службеник кој разговара со други двајца полициски службеници по што во горниот дел до снимката се гледа присуство на поголем број полициски службеници со панцири и шлемови на себе, 20:31:56 по што дел од овие полициски службеници влегуваат во средината на овој ходник, а потоа дел се враќаат во ходникот кој води кон Прес центарот. Дел од полициските службеници со панцири и шлемови на себе остануваат да стојат на почетокот од ходникот кој води према Прес центарот. Се гледа движење во горниот дел од снимката на полициски службеници како и на лице во црн костим кое повикува луѓе и покажува правец на лица према холот „Длаборез“ и потоа влегува во просторијата од левата страна на овој ходник гледано према снимката, на снимката повторно се појавуваат во 20:35:23 двете лица кои беа постојано присутни во оваа снимка едниот во темно сина облека, а другиот во прљаво бела кошула со кратки ракави. Се гледа дека докторите и натаму пружаат помош на полициските службеници кои седат во средина на ходникот од кој едниот кој седи на фотелјата се гледа дека е преврзан на главата, по што истиот за кратко го става панцирот на себе, а од ходникот кој води од кај Прес центарот се гледа лице од обезбедувањето на Собранието како повикува луѓе од тој ходник по што истиот се упатува во правец према холот „Длаборез“, а позади него се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски, а потоа се гледаат и полициски служебници со шлемови и панцири на себе како се упатуваат во истиот правец поточно према ходникот кој води према холот „Длаборез“. Од ходникот од каде се оди према Прес центарот во 20:38:15 доаѓаат поголем број на полициски службеници со панцири и шлемови на себе и штитови во рацете и истите се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. Меѓу нив има и лица од обезбедувањето во Собранието.

20:39:12 Се гледа како се крева полицискиот службеник кој лежеше на подот и истиот го внесуваат во просторијата од левата страна на овој

ходник гледано према снимката, а во 20:39:30 се гледаат поголем број на полициски службеници како се враќаат од ходникот кој води према холот „Длаборез“ и истите се упатуваат во правец према ходникот кој води према Прес центарот, еден полициски службеник останува да седи на една од фотелјите во овој ходник. И понатаму има движење на полициски службеници од ходникот од каде се оди према Прес центарот до средината на овој ходник, поточно до просторијата од левата страна на ходникот по што се гледа лице, една од докторките како со трчање се упатува во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а во 20:41:16 се гледа како од просторијата од левата страна на овој ходник гледано према снимката излегува обвинетиот Горан Ѓошевски со телефонот во рацете и се упатува према ходникот кој води кон холот „Длаборез“ и понатаму се гледа движење на луѓе од просторијата од левата страна на ходникот према ходникот кој води во Прес центарот, воедно во истата просторија повремено излегува и влегува и пратеникот Н. Т.

20:44:44 Се гледа како со трчање се упатува према холот „Длаборез“ еден полициски службеник со панцир и шлем на себе, а веднаш позади него во истиот правец се упатуваат поголем број на полициски службеници сите со панцири и шлемови и штитови во рацете, од ходникот кај Прес центарот се гледа како се појавуваат и лица од обезбедувањето на Собранието и влегуваат во просторијата од левата страна на овој ходник гледано према снимката, а од истата просторија излегува и пратеникот В. Ѓ., во 20:46:06 истиот разговара со неколку лица на почетокот од ходникот кој води кон Прес центарот по што заминува во тој правец, а од тој ходник во просторијата влегува пратеникот Н. Т., воедно тука се враќа и пратеникот В. Ѓ., а од ходникот од каде се доаѓа во холот „Длаборез“ се движат повеќе полициски службеници во правецот кој води кон холот на Прес цнтарот, а позади нив се гледа дел од докторите.

20:47:21 Се гледа затемнување во ходникот од каде се оди према Прес центарот по што се појавуваат двајца полициски службеници со шлемови и панцири на себе.

20:48:25 Се гледа движење на повеќе полициски службеници со панцири, шлемови и штитови во рацете во правец према холот „Длаборез“, истите имаат на кратко, еден од нив има на кратко комуникација со едно од лицата од обезбедувањето во Собранието, по што на снимката повторно се појавува пратеникот В. Ѓ. кој потоа заминува према ходникот кој води кон Прес центарот, а таму во 20:49:44 излегуваат уште неколку полициски службеници со панцири и шлемови на себе и штитови во рацете и се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. На снимката се гледа движење на луѓе меѓу кои и пратеникот Н. Т., од ходникот кој води према Прес центарот по што истите влегуваат во просторијата од левата страна на овој ходник гледано према снимката. Понатаму се гледа присуство на полициски службеници со панцири и шлемови, а во 20:52:46 се гледаат двајца полициски службеници со

панцири и шлемови на себе како носат дрвена скала во рацете и се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, дел од полициските службеници влегуват во просториајта од левата страна на овој ходник гледано према снимката, по што 20:53:28 излегуваат две од докторките на кратко застануваат свртени према ходникот кој води према Прес центарот, разговараат со еден полициски службеник, а потоа со машко лице со блуза со бели ракави и темно кафеаво елече по што полициските службеници се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, по нив се упатува и пратеникот Н. Т., поточно стои свртен према овој ходник од каде во 20:54:11 се појавува чад, а докторките се враќаат назад во просторијата од левата страна на овој ходник гледано према снимката.

20:54:28 Чадот продолжува да се шири во овој ходник поради што и видливоста на снимката е намалена, но се гледа присуство на една од докторките во ходникот.

20:54:49 Се гледа краток одблесок на снимката, а во средина на ходникот се гледаат и полициски службеници со шлемови на главите, се гледа движење на полициски службеници од ходникот од кај Прес центарот према ходникот кој води кон холот „Длаборез“ сите со шлемови на главите, дел од нив имаат и штитови во рацете по што за кратко се враќаат према ходникот кој води кон Прес центарот. Присуството на чад и натаму се гледа на снимката.

20:56:19 Од ходникот од каде се оди према Прес центарот излегуваат неколку полициски службеници со панцири и шлемови на себе и се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а на снимката во средина се појавува и лицето во цивилна облека со светло сина тренерка на себе, по што истиот се упатува во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, за кратко повторно се враќа во овој ходник, се гледа дека разговара со еден од полициските службеници, а потоа зборувајќи на мобилен телефон продолжува да се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот. Понатаму има движење на полициски службеници со панцири и шлемови на себе во правец од холот „Длаборез“ према ходникот кој води кон Прес центарот, а во 20:59:08 од ходникот кој што води кон Прес цнетарот излегува полициски службеник со противпожарен апарат во рацете и истиот продолжува да се движи во ходникот кој води према холот „Длаборез“. Од истиот ходник се гледа дека доаѓа еден полициски службеник кој со раката држи нешто на лицето.

21:00:00 Во средина на снимката на една од фотелјите се гледа како седи еден полициски службеник со панцир на себе и шлем по што за кратко станува и се упатува во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, понатаму има движење на полициски службеници во правецот од холот „Длаборез“ на ходникот кој води во Прес центарот и обратно.

21:05:44 Од просторијата од левата страна на ходникот гледано према снимката излегуваат две докторки со црни торби во рацете и се упатуваат

во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а ходникот од каде се оди во Прес центарот излегуваат неколку полициски службеници со панцири и шлемови на себе, а меѓу нив е и лицето во цивилна облека со светло сина тренерка на себе кој разговара по радио врска, за кратко се упатува во ходникот кој води према холот „Длаборез“ по што повторно се враќа назад во ходникот кој води према Прес центарот. Лицето со радио врска облечен во цивилна облека со темно сина тренерка на себе на кратко се враќа во средината на овој ходник повторно зборувајќи по радио врска, а во ходникот доаѓаат и други полициски службеници со панцири и шлемови на себе по што дел до нив се упатуваат во ходникот кој води према Прес центарот.

21:10:03 На снимката се гледаат полициски службеници како излегуваат од ходникот од каде се оди во Прес центарот, во рацете држат противпожарни апарати и се упатуваат кон ходникот на холот „Длаборез“, понатаму има движење на полициски службеници од холот „Длаборез“ према ходникот кој води кон Прес центарот и обратно, а од ходникот од каде води према холот „Длаборез се враќаат двете докторки и влегуваат во просторијата на левата страна на ходникот.

21:13:30 Се гледа забрзано движење на повеќе полициски службеници во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а во ходникот има и НН машко лице повозрасно кое разговара со едно од лицата на обезбедувањето во Собранието по што тоа лице се упатува во ходникот кој води према Прес центарот, а оттаму излегуваат и други полициски службеници со шлемови и панцири на себе и се упатуваат во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

На снимката повторно во 21:15:44 се гледа како доаѓа пратеникот В. Ѓ. во правец од ходникот од каде се оди према Прес центарот до средината на овој  ходник.

21:19:09 Се гледа полициски службеник преврзан на главата како излегува од ходникот и се упатува према холот „Длаборез“, а за кратко во истиот правец поточно према холот „Длаборез“ се упатуваат и две од докторките кои беа во просторијата од левата страна на ходникот, гледано према снимката. Се гледа движење на полициски службеници во 21:24:49 во правец на ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

21:25:15 Се гледа полициски службеник како крши дрвена подолга рачка со ногата и со истата влегува во просторијата од левата страна на ходникот во 21:25:20, а за кратко во ходникот влегува 21:25:33 влегува друг полициски службеник кој носи дрвена правоаголна даска во рацете и влегува во просторијата од левата страна на ходникот гледано према снимката, по што во 21:26:10 се гледа како од просторијата излегуваат две машки лица кои носат повредено друго лице и се упатуваат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а повреденото лице е униформирано, во ходникот се гледа присуство и на други полициски службеници со панцири на себе по што се гледа истите дека ставаат дел

од опремата на себе и се упатуваат во правец на ходникот кој води кон холот „Длаборез“. На средина од ходникот на една од фотелјите седи еден полициски службеник кој е преврзан на главата.

21:30:48 Се гледа како влегува обвинетиот Горан Ѓошевски во ходникот во правец од кај холот „Длаборез“ и влегува во просторијата од левата страна на ходникот гледано према снимката.

21:35:33 Во ходникот се појавува машко лице со пакет вода во раката, во левата рака и ја остава на некого, во десниот горен дел од снимката повторно ги зема и по кратко време влезе во просторијата од левата страна на ходникот гледано према снимката.

21:37:26 Се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како излегува од просторијата од левата страна на снимката и се упатува во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

21:37:48 Се гледа како повеќе лица носат повредено лице и го внесуват во просторијата од левата страна на ходникот гледано према снимката, а доаѓаат од правец од кај ходникот од каде се оди према холот „Длаборез“, а позади нив доаѓа и обвинетиот Горан Ѓошевски кој носи панцири во рацете и ги внесува во просторијата од левата страна по што излегува од истата просторија без панцирите и се упатува во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. Се гледа како две од докторките се враќаат во просторијата од левата страна на ходникот гледано према снимката доаѓаат од ходникот кој води према холот „Длаборез“. На снимката се гледа машко лице со бела блуза со долги ракави и темно кафеаво елече. Се гледа присуство на лице со радио врска во раката и цивилна облека кој доаѓа од ходникот што води према Прес центарот и истиот за кратко влегува во просторијата од левата страна на ходникот гледано према снимката кој што се упатува кон ходникот кој води кон холот „Длаборез“, а од таму доаѓа обвинетиот Горан Ѓошевски и влегува во просторијата од левата страна на ходникот гледано према снимката, по што за кратко истиот излегува од просторијата и повторно се враќа према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.  На снимката се гледа движење на полициски службеници поголем број во 21:44:08 во правец од ходникот од каде се оди кон холот „Длаборез“ према ходникот кој води према Прес центарот. Полициските службеници се со панцири и шлемови на себе. Во долниот десен дел на снимката се гледа присуство на повеќе полициски службеници со панцири и шлемови на себе, истите за кратко застануваат по што продолжуваат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот.

21:46:13 Се гледа повторно обвинетиот Горан Ѓошевски, а во 21:46:34 се гледа како излегуваат неколку полициски службеници од ходникот каде се оди према Прес центарот истите доаѓаат до средина на ходникот помеѓу нив има луѓе кои што се гледа дека не се вработени во Собранието и се упатуваат во ходникот кој води према холот „Длаборез“, а во 21:47:04 повторно на снимката се појавува обвинетиот Горан Ѓошевски кој

заминува во правец према ходникот, кој води кон холот „Длаборез“, со што веднаш се враќа заедно со уште еден полициски службеник и носат врата во рацете и која ја оставаат на подот на средина од овој ходник. На кратко Горан Ѓошевски излегува од просторијата во која што претходно влезе и се упатува во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, по што повторно се враќа во овој ходник држејќи го мобилниот телефон во рацете.

21:48:51 Во ходникот влегува машко лице со дрвена правоаголна даска во рацете и ја остава покрај ѕидот да стои од левата страна на ходникот гледано према снимката, а пред ходникот кој води кон Прес центарот стојат три лица од кои едниот се гледа дека е полициски службеник, во средина е лицето со радио врска кое пред малку се виде на снимката, а до нив е обвинетиот Горан Ѓошевски, истите разговараат нешто подолго време, по што лицето со радио врска се упатува во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а обвинетиот Горан Ѓошевски останува да стои во овој ходник и по кратко време истиот заминува во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“.

21:52:10 Повторно се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како со уште едно лице носи правоаголна дрвена даска и истата ја оставаат на подот од ходникот до вратата каде претходно беше оставена по што другото лице заедно со уште еден полициски службеник вратата ја креваат и ја поставуваат да стои покрај ѕидот во горниот десен дел од оваа снимка, а во меѓувреме се приближуват поголем број на полициски службеници сите со панцири и шлемови на себе и штитови во рацете во правец према ходникот кој води кон холот „Длаборез“. Дел од полициските службеници застануваат на средина од овој ходник има некаков разговор помеѓу нив.

21:53:44 Од просторијата се гледа како излегува обвинетиот Горан Ѓошевски покажува нешто према подот, до него стои лицето во темно сина облека кое постојано е присутно на снимката, тоа лице заедно со уште еден полициски службеник ја креваат дрвената правоаголна даска од подот и ја поставуваат во просторијата од левата страна на ходникот гледано од снимката, по што на кратко повторно ја изнесуваат од просторијата и ја оставаат на подот, а се гледа дека одма по нив од просторијата изнесуваат и едно лице кое го поставуваат врз даската, околу ова лице има повеќе полициски службеници кои што стојат, а дел до полициските службеници со шлемови и панцири на себе продолжуваат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот по што во 21:54:59 неколку полициски службеници го креваат повреденото лице кое лежеше на подот врз поставената дрвена правоаголна даска кои истите се упатуваат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот каде на почетокот од ходникот се гледа присуство на поголем број на полициски службеници. Најпрвин стојат од десната страна на ѕидот, а потоа продолжуваат да се движат надолу, а во меѓувреме од тој ходник излегуваат и други полициски службеници со темно сини капчиња на главите, нешто разговааат, покажуваат со рацете во правец надоле.

21:56:28 Од просторијата од левата страна на ходникот излегува повторно обвинетиот Горан Ѓошевски и се упатува према ходникот кој води кон холот „Длаборез“ во ходникот се приближува и една од докторките заедно со лицето во темно сина облека и влегуваат во просторијата од левата страна на ходникот, а во горниот дел од снимката на почетокот од ходникот кој води кон Прес центарот и натаму се гледа како стојат повеќе полициски службеници со шлемови и панцири на себе, кој што едниот ја отвора левата врата од овој ходник, а друг поставува дрвена даска врз вратата за да стои отворена.

21:58:44 Обвинетиот Горан Ѓошевски се враќа на средина од овој ходник, разговара со лицето кое имаше радио врска со рацете што се виде пред малку на снимката и стојат непсоредно пред просторијата од левата страна на ходникот по што обвинетиот влегува во просторијата од левата страна, а лицето со радио врска продолжува да се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот каде и натаму се гледа дека стојат полициски службеници. Во средина на ходникот нема присуство на овој дел каде што се гледа снимката нема ниту едно полициско лице.

Снимката завршува во 22.00.00 часот.

Од оваа снимка јасно се виде како обвинетиот Горан Ѓошевски со трчање се приближува према вратата, истиот се врти према луѓето кои се движат позади него, а прв помеѓу тие луѓе е обвинетиот Никола Митревски кој става црна фантомка на главата, а Горан Ѓошевски со левата рака се упатува према левиот дел од вратата каде што е системот за отварање на вратата, а во истиот момент обвинетиот Никола Митревски со десната нога удира во вратата потпирајќи се со левата рака на обвинетиот Горан Ѓошевски по што вратата се отвара, а стаклото на вратата се крши. Воедно обвинетиот Горан Ѓошевски со десната рака ги повикува луѓето надолу, а со левата рака им покажува правец на движење надоле во насока према ходникот кој води кон Прес центарот. Од ова може да се заклучи дека обвинетиот Горан Ѓошевски е во координација со обвинетиот Никола Митревски, а насилното влегување во Собранието не е случајно, туку се работи за добро организирана акција. Токму тука треба да се нагласи дека овој обвинет е полициски службеник, а неговото однесување е сосема спротивно на Законот за полиција, односно на однесување на полициски службеник. На оваа снимка се видоа повеќе од обвинетите меѓу кои Никола Митревски, Младен Додевски, Горанче Анѓеловски, Горан Ѓошевски, Игор Југ, Вилијам Михајловски, Мунир Пепиќ, Јане Ченто, како и В. Т. кои се движат према Прес центарот. Притоа обвинетиот Вилијам Михајловски јасно се виде дека е прв од групата луѓе и непосредно пред вратата се врти према останатите луѓе и со десната рака ги повикува, а се движи во правец према ходникот кој води кон Прес центарот. Воедно и од оваа снимка јасно се виде дека има повредени полициски службеници па еден од нив се сместува на даска со цел да биде евакуиран. На снимката се гледа присуство на медицински екипи, но и на Н. Т. и В. Ѓ..

Видео запис од Собраниски Камери: USB 8 фајл ... камера 16.

Снимката почнува во 18:45:00 На оваа снимка се гледа ходникот после скршената врата, а кој ходник води кон Прес салата.

18:45:13 Во ходникот се гледа како се движи обвинетиот Иван Цветановски во правец према вратата, према затворената врата од каде понатаму се продолжува кон другиот ходник према холот „Длаборез“.

18:52:45 Во долниот десен дел од снимката се гледа како одеднаш затворената врата се отвора и се гледа кршење на стаклото, а веднаш една секунда покасно се гледа како излегува машко лице, тоа е обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, темни фармерки, црна блуза и црна фантомка на главата, веднаш позади него има друго лице со темно зелена маскирна јакна со капуљача на главата и темни фармерки, веднаш позади тоа лице е обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, со црна блуза со долги ракави, црна торбичка префрлена преку рамото и темни фармерки, позади него влегуваат и други лица, а помеѓу нив е и обвинетиот Младен Додевски со мобилен телефон во левата рака, со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави и сини бермуди, сите тие се движат во правец надолу по ходникот од каде што се стигнува до Прес салата. Позади обвинетиот Младен Додевски има и други лица кои што влегуваат од истиот правец и се движат во истата насока.

18:53:00 Во моментот во долниот дел на снимката по ходникот се гледа обвинетиот Митре Питроповски со црно безбол капче на главата, без маска, со црна блуза со долги ракави, се гледа дел од црвена блуза или маица под јакната и темни или црни панталони, истиот за момент кратко застанува во ходникот, се врти благо на десно и влегува во просторијата од десната страна на ходникот гледано према снимката. Во меѓувреме и натаму се движат луѓе во правец према ходникот надолу према Прес салата. Се гледа движење на луѓе во правец од Прес салата надолу према ходникот кон скршената врата.

18:53:59 Обвинетиот Митре Питроповски излегува од просторијата каде што претходно влезе со истата облека на себе освен што не носи црно безбол капче на главата, туку има црна фантомка. Истиот продолжува да се движи надолу по ходникот во правец према Прес салата. Во 18:54:05 се разминува со обвинетиот Стефан Младеноски кој носи црно безбол капче, црна фантомка, црна блуза со долги ракави, темни фармерки, а обвинетиот Стефан Младеноски се движи во обратен правец движејќи се према скршената врата, а во моментот кога се разминува со обвинетиот Митре Питроповски, обвинетиот Стефан Младеноски се врти према него по што и обвинетиот Митре Питроповски се врти према Стефан Младеноски, го менува правецот на движење и двајцата заедно продолжуваат да се движат по ходникот во правец према скршената врата.

18:54:35 Во ходникот се гледа движење на луѓе во правец од Прес центарот према скршената врата. Во долниот дел на снимката покрај скршената врата се гледа лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави кое постојано беше присутно на снимките кај ходникот пред оваа врата каде што има фотелји.

Во 18:55:23 во ходникот се гледа обвинетиот Младен Додевски со сини бермуди, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и црна фантомка на главата и истиот се движи во правец према скршената врата, се гледа дека, по што истиот доаѓа до средина на ходникот, а потоа го менува правецот на движење и се врти назад и продолжува во правец према Прес салата, а лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави се гледа како на другите лица кои се движеа по овој ходник им покажува правец на движење надолу т.е. кон Прес центарот.

18:56:02 По ходникот повторно се гледа како се движи обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и сини бермуди, истиот застанува до лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави кои со раката покажува надолу во правец према Прес центарот, до обвинетиот Младен Додевски десно од него има уште едно друго лице и на ова лице човекот во прљаво бела кошула упорно покажува во правец надолу према Прес салата, се гледа дека постои некаков разговор помеѓу нив, а во позадина во ходникот во правец од Прес центарот према скршената врата од десната страна на ходникот гледано према снимката се гледа обвинетиот Никола Митревски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави, темни фармерки и зелени патики, по што обвинетиот Никола Митревски и обвинетиот Младен Додевски го заобиколуваат лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави заедно со уште другите лица кои стоеа тука и продолжуваат према правец на скршената врата.

18:56:27 На снимката се гледа обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави со црна апликација на предната страна, црна торбичка префрлена преку рамото и темни фармерки и истиот исто така поминува низ скршената врата.

18:56:56 На снимката повторно се гледа лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави, со мобилен телефон во десната рака, се гледа дека разговара и се движи во правец према Прес салата. Воедно на снимката се гледаат и лица од собраниското обезбедување како се движат по овој ходник исто така во правец према Прес салата. Во долниот дел од снимката 18:57:38 се гледа дека на почетокот од тој дел на ходникот се собираат повеќе луѓе стојат, а лицата од собраниското обезбедување и понатаму се движат по ходникот при што едно од лицата за кратко влегува во просторијата од десната страна на ходникот гледано према снимката, излегува од истата, а во меѓувреме покрај нив поминува возрасно машко

лице за кое се гледа дека не е од вработените во Собранието, а другото лице од собраниското обезбедување кое што продолжи надоле во правец према Прес центарот се гледа дека разговара со други две НН машки лица.

18:59:21 Во долниот десен дел на снимката низ вратата, низ искршената врата, поминува обвинетиот Иван Цветановски и се движи надолу по ходникот во правец према Прес салата.

18:59:40 По ходникот се движат лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави заедно со лицето со темно сина облека на себе, кои двајца беа постојано присутни на снимките во ходникот со шестте фотељи, а заедно со нив е и лице од собраниското обезбедување и сите тројца поминуваат низ скршената врата од која што десната врата стои отворена.

19:01:01 По ходникот се движи обвинетиот Иван Цветановски заедно со уште едно НН женско лице и двајцата поминуваат низ вратата во долниот десен агол на снимката.

19:01:50 Во долниот десен агол на снимката се гледа како се појавуваат обвинетите, прв Никола Митревски со црна фантомка на главата, со црна блуза со долги ракави, темни фармерки и зелени патики, позади него е обвинетиот Митре Питроповски со црна фантомка, црна облека на себе и црвени патики, а десно од него е обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави, темни фармерки и сите тројца се движат во правец према Прес центарот.

19:02:01 Во долниот десен агол на снимката се гледа како по ходникот се појавуваат и други лица од кои прв е обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни три-четврт панталони, позади него е обвинетиот Горанче Анѓеловски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави и долна сива тренерка, позади нив се движат и други НН лица меѓу кои и лица со фантомки како и лицето со прљаво бела блуза со кратки ракави и сите се упатуваат во правец спрема Прес центарот, а лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави поминува низ вратата, односно се враќа од истиот правец од каде што дојде.

19:03:50 На снимката од горниот лев агол се појавува обвинетиот Митре Питроповски во црна облека, црна фантомка на себе и црни фармерки и се движи во правец према скршената врата, а од скршената врата према Прес центарот се појавува лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави и се движи во правец према Прес центарот, двајцата се сретнуваат на средина од ходникот, застануваат, се гледа дека има некаков разговор помеѓу нив по што обвинетиот Митре Питроповски продолжува да се движи во правец према скршената врата, до него доаѓа и лицето со темно сина облека на себе кое исто така беше присутно на претходните две снимки постојано, а во 19:04:02 кон обвинетиот Митре Питроповски од позадина се приближува и обвинетиот Горанче Анѓеловски со сива долна

тренерка, црна блуза со долги ракави и црна фантомка на себе на главата, десно од него гледано према снимката има уште едно лице со црна фантомка на главата и црна облека на себе, а во позадина има уште едно лице со црна облека и црна, црно капче поточно зелено капче на главата, сите тие поминуваат низ вратата во долниот десен агол на снимката, а последен, последно поминува лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави.

19:05:11 На снимката се гледа како НН машко лице се движи по ходникот во правец од Прес центарот према скршената врата со мобилен телефон во десната рака, во моментот кога доаѓа пред скршената врата со едната рака повикува некого по што слика со мобилниот телефон, а потоа со трчање и со потскокнување се враќа во правец према Прес салата.

19:08:14 Во ходникот се гледа обвинетиот Стефан Младеноски со црна фантомка на главата и црно безбол капче, црна блуза со долги ракави, темни фармерки и црна торбичка префрлена преку рамото и истиот се движи во правец од Прес центарот према скршената врата.

19:09:00 На снимката во долниот десен агол низ скршената врата се гледа како поминуваат повеќе лица меѓу кои прв е обвинетиот Стефан Младеноски со црна фантомка и црно безбол капче, црна блуза со долги ракави, со црна торбичка префрлена преку рамото, темни фармерки, веднаш до него од десната страна е обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна блуза со кратки ракави и црни панталони, позади нив има друго НН машко лице со црна фантомка, црна блуза со долги ракави и три-четврт тексас бермуди, позади нив е обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела капуљача и црни панталони, а позади него е обвинетиот Игор Југ без маска со светли фармерки и црна маица со кратки ракави, сите тие се движат во правец према Прес салата.

19:09:03 Во позадина меѓу другите луѓе кои што се движат по ходникот покрај десниот ѕид од ходникот гледано према снимката се гледа и обвинетиот Младен Додевски со сива маица со кратки ракави, со црна фантомка на главата и сини бермуди, позади него во средина на ходникот е обвинетиот Вилијам Михајловски без маска, со црна маица со кратки ракави со бел натпис позади на маицата и црвена блуза врзана на половината, позади него има уште едно НН машко лице и уште едно лице со црна фантомка на главата, сите тие се движат во правец према Прес центарот, а позади нив се гледа дека влегуваат и други лица, а меѓу нив исто така има и лица со фантомки.

19:10:56 Во ходникот се појавуваат лица од собраниското обезбедување и се движат во правец према Прес центарот, а веднаш позади нив е и лицето, се појавува лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави и истиот влегува во една од просториите од десната страна на ходникот гледано према снимката по што за кратко излегува од просторијата и се враќа во истиот правец од каде што дојде.

19:11:56 Се гледаат две машки лица како се движат во ходникот во правец од Прес центарот према скршената врата.

19:13:04 Во ходникот се гледаат две машки лица со фантомки на главите како се движат во правец од Прес центарот према скршената врата, а веднаш позади нив е и обвинетиот Вилијам Михајловски без маска, со црна маица со кратки ракави, бела апликација на предната страна, црвена блуза врзана на половината и темни фармерки.

19:14:56 На снимката се појавува повторно обвинетиот Никола Митревски, но со фантомката кревата на горниот дел од главата, со црна блуза со кратки ракави, темни фармерки и зелени патики, во рацете држи мобилен телефон, а се движи во правец од Прес центарот према скршената врата, позади него има и други НН машки лица кои се движат во истиот правец.

19:16:02 Во долниот десен агол на снимката се појавува обвинетиот Вилијам Михајловски без маска, со црна блуза со кратки ракави и бел натпис позади на маицата, со црвена блуза врзана на половината и темни фармерки и истиот за момент се врти накратко према наназад према луѓето кои се движат позади него, а притоа продолжува да се движи во правец према Прес центарот, а се гледа како влегуваат поголем број на луѓе кои што се движат во овој правец.

19:17:01 Помеѓу луѓето кои што се движат во правец низ скршената врата према Прес центарот во ходникот се појавува и обвинетиот Мунир Пепиќ со темна облека на себе и се движи покрај десниот ѕид од ходникот гледано према снимката, истиот ги гледа луѓето што се движат покрај него, проверува некои од вратите од левата страна на ходникот по што заедно со луѓето продолжува да се движи во правец према Прес центарот, бројот на луѓето кои што се движат во правец према Прес центарот и натаму се зголемува.

19:17:34 Во долниот десен агол на снимката се гледа како едно лице ја затвара десната врата, која што седеше претходно отворена, но за кратко се гледа дека оваа врата повторно се отвара при што тоа лице зима противпожарен апарат и го става на левиот долен агол на снимката гледано према снимката.

19:18:53 На снимката се гледа движење на луѓе во правец од Прес центарот према скршената врата. Меѓу луѓето има и лица со фантомки на главите.

19:20:11 На снимката се гледаат обвинетите, прв Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни панталони и бели патики, позади него е обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка, црна блуза со долги ракави, со црна торбичка префрлена преку рамото, темни фармерки, а позади него е обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела голема хоризонтална линија на предната страна

и црни панталони, сите тројца се движат во правец од Прес центарот према скршената врата.

19:20:36 Се гледа движење на луѓе во правец од Прес центарот према скршената врата.

19:21:30 Во ходникот се појавува обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, мобилен телефон во левата раката, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна, темно сини бермуди, истиот се движи во правец према скршената врата, а со него се разминува лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави, кој гледа низ прозорот од десната страна на ходникот, ја отвара вратата од каде што влегуваат повеќе луѓе, истиот накратко нешто разговара со нив по што тој се враќа према скршената врата, дел од луѓето најпрвин продолжуваат во правец према Прес центарот, поточно само едно лице продолжува во тој правец, а други две лица се враќаат во правец према скршената врата. 19:21:41 е точното време кога ова лице во прљаво бела кошула ја отвора вратата.

19:24:11 Во ходникот поминува обвинетиот Вилијам Михајловски без маска на главата, со црна маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна, со црвена блуза врзана на половината, темни фармерки, истиот се движи во правец од Прес центарот према скршената врата.

19:25:08 Во ходникот се гледа движење на лица во правец на Прес центарот.

19:25:15 Во ходникот се појавува обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела капуљача на задната страна и црни панталони истиот се движи во правец према Прес центарот, а позади него се гледаат поголем број на луѓе како се движат во истиот правец по што за кратко тој се врти према нив и продолжува да се движи надолу према Прес центарот, а помеѓу луѓето се гледа и обвинетиот Вилијам Михајловски покрај левиот ѕид од ходникот гледано према снимката без маска, со црна маица со кратки ракави, со бел натпис на задната страна, црвена блуза врзана на половината и темни фармерки.

19:25:24 На снимката се гледа обвинетиот Младен Додевски со мобилен телефон во рацете, црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави и сини бермуди, истиот се движи во правец према Прес центарот и на почетокот од ходникот се врти према обвинетиот Никола Митревски кој не носи маска, а има црна блуза со долги ракави на себе и темни фармерки, имаат некаква кратка комуникација помеѓу нив по што рамо до рамо продолжуваат да се движат во правец према Прес центарот, а лево од нив покрај левиот ходник, покрај левиот ѕид на ходникот се извинувам, се движи обвинетиот Михаел Младеноски со црна маска на главата, со црна маица со кратки ракави, црни панталони и бели патики, позади нив има и други луѓе кои што се движат во истиот правец, поточно према Прес центарот.

19:26:03 На снимката се гледа обвинетиот Никола Митревски без маска, со црна блуза со долги ракави, темни фармерки, црно-сива маица истиот се упатува према скршената врата, а за кратко од истата во правец према Прес центарот се движат и други луѓе за кои што се гледа дека не се дел од вработените во Собранието, по што во 19:26:39 повторно помеѓу луѓето во овој ходник се гледа обвинетиот Никола Митревски без маска, со црна блуза со долги ракави, темни фармерки и зелени патики, а сите тие се движат во правец према Прес центарот.

19:26:44 Во ходникот се појавува и обвинетиот Јане Ченто покрај десниот ѕид од ходникот гледано према снимката, со темна или црна јакна, со посветло сива маица под јакната и црни панталони, пред него има пониско машко лице во црна облека до тоа лице лево од него има машко лице со врзано знаме на грбот, а лево station наназад дијагонално од обвинетиот Јане Ченто има уште едно лице со врзано знаме на грбот. И обвинетиот Јане Ченто и другите лица кои што се гледаат во моментот на снимката се движат во правец према Прес центарот.

19:27:28 Во десниот агол на снимката покрај вратата од ходникот се гледа женско лице со бела блуза со црни риги во долниот дел на истата и шал, со црно бел шал на вратот, со чадор во раката, која што држи, која што од подот зима некаков долг предмет и почнува да собира нешто од подот точно пред вратата, а во меѓувреме покрај нејзе се движат и понатаму луѓе во правец према Прес центарот, жената и натаму продолжува да собира од подот најверојатно делови од скршеното стакло.

19:28:42 Во ходникот се гледа обвинетиот Никола Митревски со мобилен телефон во десната рака, без маска, со црна блуза со долги ракави, црно-сива маица, темни фармерки и зелени патики и истиот се движи во правец од Прес центарот према скршената врата.

19:29:30 Во ходникот се гледа движење на луѓе во правец од скршената врата према Прес центарот, но и обратно.

19:29:45 Покрај левиот ходник гледано према снимката во ходникот се гледа обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни панталони и бели патики и истиот се движи во правец од Прес центарот према скршената врата.

19:30:07 Во десниот дел на снимката покрај проширениот дел од ходникот се гледа како се собираат повеќе луѓе, застануваат, разговараат нешто помеѓу себе, а покрај нив поминуваат и натаму луѓе кои што не се вработени во Собранието и поминуваат низ скршената врата, додека луѓето во проширениот дел на овој ходник и понатаму стојат, меѓу нив е и лицето со светло сино безбол капче и светло сина блуза со долги ракави кој што на кратко влегува во просторијата од во проширениот дел на ходникот, а во 19:30:49 во долниот дел на снимката во средина помеѓу луѓето низ скршената врата према Прес центарот се појавува обвинетиот Влатко Трајковски со зелено маскирно елече на себе, црни панталони,

истиот се пробива помеѓу луѓето кои што стојат, доаѓа до отворената врата во проширениот дел, се поздравува со лицето со светло сино капче и светло сина блуза со долги ракави на себе, по што се врти према луѓето кои се движат во правец од Прес центарот према скршената врата.

19:31:05 Покрај десниот ѕид од ходникот гледано према снимката помеѓу луѓето се гледа и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна, истиот се движи во правец од Прес центарот према скршената врата. Обвинетиот Влатко Трајковски и понатаму продолжува да стои во проширениот дел од ходникот по што во 19:31:21 продолжува да се движи во правец према Прес центарот, а луѓето кои стоеа во проширениот дел од овој ходник се упатуваат во правец према скршената врата.

19:31:52 На снимката се гледа обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави со црна апликација на предната страна, црна торбичка префрлена преку рамото, темни фармерки истиот се движи во правец од Прес центарот према скршената врата.

19:32:24 По ходникот со трчање се упатува во правец од Прес центарот према скршената врата обвинетиот Вилијам Михајловски со црна маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна, со црвена блуза врзана на половината и темни фармерки, без маска на главата.

19:33:45 Во ходникот се појавува лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави, излегува од просторијата од проширениот дел на ходникот и за кратко поминува низ скршената врата.

19:34:30 По ходникот се движи обвинетиот Вилијам Михајловски во правец према Прес центарот со црна маица со кратки ракави со бел натпис на позадина на грбот, црвена блуза врзана на половината и темни фармерки.

19:35:08 Во ходникот се гледа движење на луѓе во правец од скршената врата према Прес центарот и обратно, а дел од луѓето влегуваат и во просториите од десната страна на овој ходник гледано према снимката.

19:36:08 На снимката се гледа возрасно машко лице со кремасти панталони, светло сина маица со мобилен телефон во рацете и истиот се движи во правец према Прес центарот при што за кратко со телефонот се врти према скршената врата, слика или снима, продолжува да се движи во правец према Прес центарот. Движењето на луѓето во правец од Прес центарот према скршената врата и натаму продолжува, помеѓу луѓето има и лица со црни фантомки на главите.

19:38:35 На снимката се гледа обвинетиот Илија Славевски кој се движи према левиот ѕид од ходникот гледано према снимката, со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни три-четврт панталони, истиот се движи во правец од Прес центарот према скршената врата.

19:39:17 На снимката се гледа лице од собраниското обезбедување облечено во црн костим кој доаѓа во правец од Прес центарот, а во исто време од скршената врата према Прес центарот се движи полициски службеник со панцир и шлем на себе, а покрај него се движат луѓе за кои се гледа дека не се вработени во Собранието во насока од Прес центарот према скршената врата.

19:40:41 Се гледа движење на луѓе во правец од скршената врата према Прес центарот и обратно, дел од луѓето додека поминуваат низ овој ходник влегуваат во просториите од десната страна на ходникот гледано према снимката.

19:41:33 На снимката се гледа лице во сина горна тренерка на себе и темно сина долна тренерка, истиот се разминува со други луѓе, им покажува со рацете нешто во правец надоле гледано према снимката, а тоа е во правец на Прес центарот по што тој заминува према скршената врата, а луѓето на кои што им покажуваше продолжуваат да се движат во правец према Прес центарот, а во 19:41:56 на снимката се гледа полицискиот службеник со шлем и панцир на себе како се враќа од Прес центарот према скршената врата, а покрај него и понатаму поминуваат луѓе во истиот правец како и тој, како и обратно.

19:43:37 Во ходникот се гледаат две машки лица со врзани знамиња на грбовите, истите се движат во правец од Прес центарот према скршената врата при што за кратко едното од овие лица влегува во просторијата од десната страна на ходникот гледано према снимката, излегува од неа и продолжуваат и двајцата во правец према скршената врата, а во 19:44:03 на снимката се гледа машко лице со темно зелени долни панталони, сиво бела маица со кратки ракави и фантомка црна на главата и истиот се движи во правец према Прес центарот.

19:44:35 Во ходникот се гледаат обвинетите Иван Цветановски и Елена Божиновска, истите се движат во правец од скршената врата према Прес центарот, а некаде пред крајот на ходникот се пресретнуваат со обвинетиот Горан Ѓошевски кој доаѓа во правец од Прес центарот, за кратко нешто разговараат меѓу себе, по што обвинетиот Горан Ѓошевски продолжува да се движи со телефонот во рацете према скршената врата, а обвинетите Иван Цветановски и Елена Божиновска се упатуваат во правец спрема Прес центарот.

19:45:33 Се гледа обвинетата Елена Божиновска како се движи покрај левиот ѕид од ходникот, истата носи циклама сако, поминува низ скршената врата, а позади нејзе е и обвинетиот Иван Цветановски заедно со уште едно НН женско лице кој исто така се движи во правец према скршената врата, на кратко застанува во проширениот дел од ходникот, се врти према луѓето кои што се влезени во просторијата од овој ходник, го пропушта НН женското лице да влезе во просторијата, ја затвора вратата, ја држи кваката, но за кратко женското лице излегува па откако

обвинетиот Иван Цветановски ја затвора вратата од оваа просторија, двајцата се упатуваат низ скршената врата.

19:48:05 Се гледа обвинетиот Иван Цветановски како повторно се појавува во овој ходник, позади него е лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави, до него е НН женското лице со црни панталони и бело сако, обвинетиот влегува за кратко во просторијата од десната страна на ходникот, а пред истата останува да стои машкото лице со прљаво бела кошула со кратки ракави кој се поздравува со луѓето кои поминуваат покрај него, а за кои се гледа дека не се вработени во Собранието и се движат во правец од Прес центарот према скршената врата, по што за кратко ова лице се упатува надолу према ходникот, застанува да разговара со лице во црн костум и со него се враќаат во просторијата пред која стои обвинетиот Иван Цветановски од десната страна на овој ходник каде е влезено женското лице со црни панталони и бело сако, па откако истата излегува од таа просторија, влегува обвинетиот Иван Цеветановски, по него влегува и друго НН машко лице, а лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави и натаму останува да стои пред оваа просторија, со мобилен телефон во рацете, во долниот десен агол од снимката, низ скршената врата поминува и лицето со темно сина облека на себе кое беше постојано присутно на претходните две снимки.

19:50:29 Во ходникот се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со мобилен телефон во десната рака, без маска на главата, со црна маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна, црвена блуза врзана на половината и темни фармерки, истиот се движи во правец од Прес центарот према скршената врата, се гледа дека разговара на мобилен телефон.

19:50:44 Во просторијата од проширениот дел на ходникот се гледа како влегува и излегува лице кое е дел од обезбедувањето во Собранието по што истиот се упатува во правец према Прес центарот.

19:51:09 Обвинетиот Иван Цветановски излегува од просторијата во која претходно влезе и заедно со лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави заминува во правец према скршената врата, а со нив е и женското лице со црвени панталони и бело сако, по што за кратко во долниот дел на снимката се гледа лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави, со цигара во раката, истиот за кратко се задржува на почетокот од ходникот, по што повторно поминува низ скршената врата.

19:52:50 Лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави повторно влегува во овој ходник, застанува да разговара со машко лице со бела кошула со долги ракави, со црна долга коса врзана во репче, по што заедно повторно поминуваат низ, покрај скршената врата.

19:54:05 На снимката се гледаат лица, две лица во црни костуми дел од обезбедувањето во Собранието, истите се движат во правец од Прес центарот према скршената врата.

19:57:25 Се гледа движење на луѓе по ходникот во правец од Прес центарот према скршената врата, а во долниот дел од снимката често се појавува лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави и повторно поминува покрај скршената врата.

20:02:02 На снимката се гледа службено лице при МВР со панцир на себе, истиот се движи во правец према Прес центарот, за кратко, за момент влегува во десната просторија од десната страна на ходникот гледано према снимката, а по ходникот и натаму продолжуваат да се движат луѓе во правец од скршената врата према Прес центарот и обратно.

20:02:58 На снимката се гледа повторно обвинетиот Вилијам Михајловски без маска на главата, со црна маица со кратки ракави со бел натпис на позадина на грбот, со црвена блуза врзана на половината, темни фармерки, веднаш покрај него од десната страна се движи уште едно машко лице исто така без маска, со црна маица со кратки ракави со бел натпис на позадина на грбот, со црна торбичка префрлена преку рамото, а позади нив има уште едно лице со црна маица со кратки ракави, светли фармерки и ранец на грбот и сите се движат во правец према Прес центарот.

20:03:30 Повторно се гледа службеното лице како излегува од просторијата во која претходно влезе и се упатува према скршената врата.

20:05:02 Во ходникот се гледа движење на луѓе во правец од скршената врата према Прес центарот.

20:06:43 На снимката се појавуваат поголем број на полициски службеници со панцири и шлемови на себе, дел и со штитови во рацете, истите се упатуваат во правец према Прес центарот. Се гледа лице од собраниското обезбедување како им покажува правец на движење на двајца полициски службеници со панцири и шлемови на себе надолу према Прес центарот.

20:08:22 На снимката се гледа пратеникот Н. Т., позади него има поголем број на луѓе меѓу кои и доктори, четворица, истите се движат во правец од Прес центарот према скршената врата.

20:08:44 На снимката се гледа полициски службеник при МВР, покрај него и позади него има лице од обезбедувањето во Собранието и истите се движат во правец према Прес центарот.

20:13:26 Се гледаат полициски службеници со панцири и шлемови на себе и штитови во рацете како се упатуваат во правец према Прес центарот, а покрај нив сеуште поминуваат луѓе кои не се вработени во Собранието и се движат према скршената врата. Во ходникот се гледа движење и на лица од обезбедувањето во Собранието исто така во правец према Прес центарот.

На оваа снимка повторно се гледаат дел од обвинетите кои се движат во правец од скршената врата кон Прес центарот и обратно. На снимката

јасно се видоа обвинетите Никола Митревски, Младен Додевски, Горанче Анѓеловски, Мунир Пепиќ, Јане Ченто, Влатко Трајковски како и Вилијам Михајловски. Воедно и на оваа снимка се гледаат лица со фантомки кои слободно се движат по внатрешноста на Собранието не попречени од никого, а најмалку од собраниското обезбедување, ниту пак од полициските службеници кои се гледа дека се во униформи.

Презентација на УСБ 1 New Folder 3 Analog_15_19_17_54_04_27.0

Времето на оваа снимка почнува во 19:17:54, така е означена и самата снимка, а понатаму на снимката се гледа времето колку е снимано, што значи реалното време би се добило со додавање на минутите во моментот на дејствие кое што не интересира на 19:17:54. На снимката се гледа лифтот пред ходникот пред Прес салата. Ходникот за Прес центарот, во горниот ходник, во горниот дел од снимката кога се врти десно позади црниот столб има неколку скалички и понатаму десно се продолжува према Прес центарот.

01:06 Во долниот дел од снимката од долните скали се гледа како се качува женско лице со врзана коса во репче и црн ранец на грбот и се упатува во горниот ходник десно од црниот столб каде што се оди према Прес центарот. По скалите по кои што се качи девојката, се симнува машко лице во црн костим, а во 01:35 се гледа како по истите тие скали, значи позади црниот столб десно, се симнува и обвинетиот Никола Митревски, со зелени патики, темни фармерки, црно сива маица и црна блуза со долги ракави и црна фантомка на главата крената на горниот дел од главата, на челото. Истиот држи мобилен телефон во десната рака. Девојката со црн ранец која пред малку се виде како се качува по скалите, се симнува по истите, а на предната страна од телото се гледаат и два фотоапарати.

02:58 По скалите позади црниот столб се гледа како се симнува обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни панталони и бели патики, веднаш позади него е и обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче на главата, црна фантомка, црна блуза со долги ракави, темни фармерки, двајцата се симнуваат по скалите и доаѓаат во долниот дел од оваа снимка, а покрај нив поминува обвинетиот Вилијам Михајловски кој не носи маска, со црна маица со кратки ракави со бел натпис на позадина на маицата, со црвена блуза врзана на половината, темни фармерки и истиот се качува по скалите позади црниот столб десно од каде што се оди за Прес центарот, а во долниот дел на снимката се гледа како се приближуваат и други луѓе кои се упатуваат во правец према Прес центарот, поминуваат покрај обвинетиот Михаел Младеноски кој за момент се врти према луѓето, со десната рака ги повикува и им покажува нагоре према скалите во кој правец и тој се качува, поточно во правец према Прес центарот.

Во 03:24 Се гледа лице во долниот дел на снимката како на дел од луѓето кои што се влезени во Собранието им покажува со раката правец на движење надолу по скалите по што луѓето заедно со тоа лице се

симнуваат по скалите надолу, а дел од луѓето продолжуваат да се движат десно од црниот столб во правец према Прес центарот. Бројот на луѓето кои што се движат во правец спрема Прес центарот се зголемува.

04:12 Во долниот дел од снимката покрај левиот ѕид од ходникот гледано према снимката се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ во темна облека на себе, позади него има две машки лица од кои едното има кремаста блуза со долги ракави и црно елече, а другиот има сина тренерка или блуза, се гледа дека обвинетиот гледа нагоре по што продолжува да се движи во правец према Прес центарот. На долниот дел од снимката во 04:25 се гледа лице со темно сина облека на себе како им покажува на дел од луѓето правец на движење надолу по скалите по што продолжуваат истите по него да се движат, а дел од луѓето кои што се појавуваат на снимката продолжуваат да се движат према црниот столб десно позади него према скалите во правец према Прес центарот.

05:23 Во горниот дел од снимката во правец од кај Прес центарот, од кај ходникот што води во Прес центарот се гледа како со трчање се симнуваат повеќе луѓе по скалите, се гледа дека станува збор за новинари и истите се упатуваат по скалите надолу.

05:49 Се гледаат лица со фантомки на главите како се симнуваат по скалите од кај ходникот кој води према Прес центарот и продолжуваат во долниот дел од оваа снимка.

06:13 Се гледа движење на луѓе од обезбедувањето во Собранието како се симнуваат по скалите позади црниот столб и влегуваат во вратата десно од столбот, односно поминуваат низ таа врата, а на скалите, а во горниот дел од снимката 06:14 се гледа обвинетиот Влатко Трајковски со зелено маскирно елече на себе, црна блуза со долги ракави, црни панталони и истиот стои свртен со грбот свртен према ѕидот, покрај него поминуваат луѓе по што тој за кратко се враќа во правец према ходникот што води према Прес центарот, а по скалите се симнуваат и други луѓе кои што дел влегуваат низ вратата од десната страна на скалите, а дел продолжуваат да се симнуваат надолу по скалите.

06:42 Се гледа повторно обвинетиот Влатко Трајковски во горниот дел од снимката лево од црниот столб непосредно пред вратата во позадина, истиот повторно се качува по скалите према ходникот кои водат кон Прес центарот, позади него има лица во црн костим, дел од собраниското обезбедување, а во 06:53 по скалите десно од црниот столб надоле се симнуваат обвинетите Михаел Младеноски со црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината, црни панталони, бели патики и црна фантомка на главата, истиот држи мобилен телефон во десната рака, стои свртен со грбот према ѕидот, пред него е обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка, црна блуза со долги ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, темни фармерки, а позади нив е обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со голема бела хоризонтална бела линија на

предната страна, сите тројца се симнуваат по наведените скали и продолжуваат во долниот дел на снимката, десен дел на оваа снимка.

07:16 Се гледа симнување на луѓе од скалите позади црниот столб, дел од нив се упатуваат десно низ вратата гледано од столбот, а дел доаѓаат во долниот десен дел од оваа снимка.

08:12 По скалите позади црниот столб десно од ходникот кој води према Прес центарот се симнува обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и сини бермуди и истиот се упатува во долниот десен дел од оваа снимка.

08:45 И натаму се гледа движење на луѓе по скалите надолу.

09:42 Во моментот на снимката се гледа едно лице како се симнува по скалите позади црниот столб, лицето се гледа дека не е дел од вработените од Собранието и истиот се упатува во долниот десен дел од снимката.

10:15 Се гледа симнување на новинари кои се симнуваат од скалите позади црниот столб поточно од кај ходникот кој води према Прес центарот, дел од нив заминуваат десно од столбот низ вратата, дел остануваат да стојат во средина на овој ходник, се гледа дека носат камери, стативи за камери.

10:42 На снимнката се гледа повторно обвинетиот Влатко Трајковски кој се симнува по скалите позади црниот столб десно и се упатува према, се упатува на почетокот од вратата десно од столбот, се наведнува нешто, нешто пробува да земе од ходникот по што се гледа дека во десната рака носи противпожарен апарат, а во левата цревото на истиот и се враќа према правецот од каде што дојде поточно према ходникот кој води према Прес центарот, а позади него се приближуваат и двајцата камермани кои стојат, кои стоеа на средина од овој ходник па во 11:15 се гледа од горниот дел, од горниот десен дел, како се појавува бел чад по што двајцата камермани со трчање се симнуваат надолу по скалите, гледаат нешто за кратко нагоре, иститe доаѓаат во долниот десен дел од оваа снимка, а покрај црниот столб се симнува уште едно машко лице со сива маица со кратки ракави и сина долна тренерка, во горниот дел од снимката веднаш само што завршуваат скалите позади црниот столб се гледа машко лице во темен костим и бела кошула, истиот стои покрај ѕидот, покрај него поминуваат, односно се симнуваат надолу по скалите други луѓе.

Во 11:37 лицето во темен костум одеднаш се витка надолу, луѓе со трчање се симнуваат по скалите покрај него и во 11:45 се гледа бел чад по што се појавува обвинетиот Влатко Трајковски со противпожарниот апарат во рацете по што се гледа дека обвинетиот прска со противпожарниот апарат во луѓето и иститe со трчање бегаат надолу по скалите вклучувајќи го и лицето во темен костум, а обвинетиот Влатко Трајковски и натаму

продолжува да прска со противпожарниот апарат симнувајќи се по скалите надолу по луѓето.

12:22 Се гледа обвинетиот Захарие Симовски како се приближува десно позади црниот столб во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, истиот има црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави, бела капуљача на позадина, во позадина и црни панталони, позади него има возрасно машко лице во темен костим, а позади тоа лице е обвинетиот Вилијам Михајловски кој стои во моментот точно на средина на долниот ходник, нема маска на себе, носи црна маица со кратки ракави со бел натпис во позадина на маицата, црвена блуза врзана на половината и темни фармерки, истите се упатуваат во правец према ходникот кој води кон Прес центарот.

Во 12:33 Се гледа лице како со трчање се качува од скалите надолу и се движи во правец према, и се качува по скалите кои водат према ходникот према Прес центарот, во меѓувреме на снимката се јавуаат поголем број на луѓе кои се движат во правец од долниот десен дел на снимката десно према црниот столб од каде се оди, каде се оди до Прес центарот, а помеѓу нив е и обвинетиот Никола Митревски кој не носи маска на себе, туку има црна блуза со долги ракави, позади него е и обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината, црни панталони и бели патики, а пред нив, а до обвинетиот Никола Митревски во 12:33 точно десно дијагонално позади него покрај лифтот поминува и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, со сива маица со кратки ракави и сини бермуди и истиот ги крева рацете нагоре, најверојатно држи мобилен телефон во рацете по што обвинетиот Никола Митревски во 12:45 се враќа назад од правецот од каде што дојде во десниот долен дел на снимката.

Во 13:13 Покрај црниот столб, пред црниот столб, се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ кој со левата рака покажува нешто нагоре на две лица, две машки лица кои стојат пред него, а за кои се гледа дека не се дел од вработените во Собранието по што лицата се качуваат по скалите нагоре веднаш десно покрај лифтот, а по нив се качува и обвинетиот Мунир Пепиќ.

Во 13:35 На снимката се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ како се симнува по скалите по кои предмалку се качи, повторно покажува правец на движење на лицата кои што поминуваат покрај него, а за кои се гледа дека не се вработени во Собранието. Покрај него поминуваат многу луѓе, по што тој застанува со грбот свртен према ходникот и со десната рака ги повикува луѓето кои доаѓаат од долниот десен дел на снимката, а со левата рака покажува нагоре во правец према ходникот кој води према Прес центарот. Луѓето продолжуваат да се движат поминувајќи покрај него во правец према Прес центарот.

Во 13:50 Се гледа покрај црниот столб обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка и црна маица со кратки ракави, со црни панталони и црна блуза врзана на половината.

Во 13:54 Од долниот десен дел на снимката према црниот столб се појавува обвинетиот Јане Ченто кој носи црна јакна, се гледа светол сив дел под јакната, темни фармерки, лево од него покрај ѕидот има лице со врзано знаме на грбот, а и лево пред него дијагонално исто така има лице со врзано знаме на грбот, обвинетиот Јане Ченто поминува покрај обвинетиот Михаел Младеноски, се поздравуваат со рацете и двајцата продолжуваат да се движат по скалите нагоре позади црниот столб десно према ходникот кој води кон Прес центарот.

14:39 Се гледа поголема група на луѓе како се упатуваат према ходникот кој води кон Прес центарот.

15:16 Се гледа обвинетиот Никола Митревски како се враќа по ходникот кој води према Прес центарот, истиот не носи маска на себе, со црна блуза со долги ракави, со црно сива маица, темни фармерки и зелени патики и мобилен телефон во десната рака.

15:54 Се гледаат луѓе како се симнуваат од ходникот кој доаѓа од кај Прес центарот и истите се движат во правец во десниот долен дел на снимкава, а во 16:02 на средина од ходникот се гледа обвинетиот, помеѓу луѓето се гледа обвинетиот Михаел Младеноски, само тој носи црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави и исто како и другите луѓе се упатува во долниот десен дел на оваа снимка. Движењето на луѓето од Прес центарот па према долниот десен дел од снимкава и натаму продолжува.

17:29 Покрај луѓето што стојат на средина на овој ходник пред лифтот поминува лице од обезбедувањето во Собранието во црн костим и истиот се упатува по скалите надолу, а во 17:45 се гледа обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на  предната страна и сини бермуди и истиот се враќа во правец од кај ходникот кој води кон Прес центарот и се движи према долниот десен дел на снимката помеѓу другите луѓе кои што исто така се движат во тој правец.

18:28 На снимката се појавува обвинетиот Влатко Трајковски без маска, со црна блуза со долги ракави и црни панталони и зелено маскирно елече на себе, истиот се појавува од долниот десен дел на снимката, доаѓа до средина на ходникот каде се разминува со обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство кој носи црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави со црна апликација на предната страна, со префрлена торбичка преку рамото и темни фармерки, се гледа дека има конверзација помеѓу нив по што обвинетиот Влатко Трајковски заминува во правец према Прес центарот, а обвинетиот Дејан Давидовски заминува во долниот десен дел на снимката. Во горниот дел од снимката покрај вратата се гледаат лица

од обезбедувањето во Собранието, истите стојат и ги гледаат луѓето како се движат по ходникот.

19:14 Се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски како со трчање се упатува према долниот десен дел на снимката, а доаѓа од скалите десно позади црниот столб од каде се оди према ходникот кон Прес центарот. Покрај вратата во 19:40 во горниот дел од овој ходник и натаму стојат лица од обезбедувањето во Собранието, а покрај нив и понатаму се движат луѓе за кои се гледа дека не се вработени во Собранието.

21:13 Покрај лицата од обезбедувањето кои стојат покрај левиот ходник, покрај левиот ѕид од ходникот, гледано према снимката доаѓа и обвинетиот Абдуљфета Алими, истиот застанува свртен со грбот према ѕидот, држи мобилен телефон во рацете, а во меѓувреме покрај него и покрај другите лица од обезбедувањето во Собранието и натаму поминуваат луѓе за кои се гледа дека не се дел од вработените во Собранието, а во 21:33 покрај нив вклучувајќи го и обвинетиот Абдуљфета Алими поминува и обвинетиот Вилијам Михајловски кој доаѓа од долниот десен дел на снимката и се упатува према црниот столб, не носи маска на себе, има црна маица со кратки ракави со бел натпис на грбот, црвена блуза врзана на половината и темни фармерки и истиот се качува по скалите десно позади црниот столб во правец према ходникот кој води кон Прес центарот. Лица од собраниското обезбедување вклучувајќи го и обвинетиот Абдуљфета Алими и понатаму стојат покрај левиот ѕид од овој ходник, а воедно и понатаму има движење на луѓе према Прес центарот

22:39 Лицата од собраниското обезбедување и понатаму стојат покрај левиот ѕид од ходникот гледано према снимката, а покрај нив поминуваат луѓе во правец према ходникот кој води кон Прес центарот, а за кои се гледа дека не се вработени во Собранието.

23:21 Во горниот дел од снимката покрај вратата стои и лице со црна фантомка на главата. Лицето поминува покрај луѓето од обезбедувањето на Собранието, за кратко се упатува према скалите позади црниот столб, а откако му се приклучува уште едно лице со фантомка двајцата заминуваат во правец према десниот долен дел од снимката.

25:17 На снимката се гледа обвинетиот Илија Славевски, истиот се симнува по скалите позади црниот столб, поточно од кај ходникот кој доаѓа, кој води према Прес центарот, на себе носи црна маска, црна маица со кратки ракави и црни три-четврт панталони.

26:04 Обвинетиот Абдуљфета Алими стои непосредно пред скалите кои водат надолу, покрај него поминуваат луѓе кои не се вработени во Собранието, истиот се симнува некаде до средина на тие скали.

26:36 На снимката се појавува службено лице при МВР со шлем и панцир на себе, истиот се разминува со лица од собраниското обезбедување, како и со луѓе кои што се влезени во Собранието.

27:54 Обвинетиот Абдуљфета Алими се качува на почетокот од скалите по кои што претходно се симна, застанува, разговара со две лица од обезбедувањето во Собранието, покрај него поминува возрасно машко лице со знаме во рацете како и други лица во правец према Прес центарот и од Прес центарот према долниот десен дел на оваа снимка.

28:33 На снимката се гледа полицискиот службеник како се симнува по скалите од каде претходно се качи и се упатува во правец на долниот десен дел на снимката.

30:02 На снимката се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски непосредно пред лифтот и истиот разговара со обвинетиот Абдуљфета Алими, покрај нив поминуваат луѓе кои се влезени во Собранието по што за кратко и тие се симнуваат по скалите надолу покрај лифтот. Движење на луѓе кои што се влезени во Собранието и понатаму се гледа на снимката, а воедно се гледа и присуство и на лица кои се дел од обезбедувањето на Собранието. Покрај лицата од обезбедувањето поминува лице со црна фантомка на главата и темно зелени панталони.

Во 31:16 Обвинетиот Горан Ѓошевски се качува по скалите по кои претходно се симна, со десната рака покажува нешто надолу на лицето кое поминува покрај него по што тоа лице продолжува по скалите надолу, а во 31:34 по скалите се качува и обвинетиот Абдуљфета Алими, покрај него стојат лица од собраниското обезбедување, а повремено поминуваат и луѓе кои се влезени во Собранието.

32:02 На снимката од долниот десен агол се појавува обвинетиот Иван Цветановски во сив костим, истиот се симнува по скалите надолу, позади него е женско лице со црвени панталони и бело сако, но за кратко истиот се враќа од правецот од каде што дојде претходно како и женското лице.

33:29 На долниот дел од снимката и понатаму се гледа како стојат лица од собраниското обезбедување.

34:53 И понатаму има движење на луѓе кои се влезени во Собранието во правец према скалите кои водат во ходникот кон Прес центарот, а лицата од обезбедувањето во Собранието сеуште стојат покрај левиот ѕид од ходникот гледано према снимката, гледаат како се движат луѓето, дел од нив пушат цигари, се гледа како лицата од собраниското обезбедување на луѓето кои се влезени во Собранието покажуваат правец на движење право што би дошло десно во долниот дел од снимката.

36:50 Се гледа лице со црна маица со кратки ракави и црни панталони како се симнува од скалите позади црниот столб, доаѓа до едно од лицата од собраниското обезбедување, разговара нешто накратко со нив по што се враќа повторно назад.

37:12 Се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски како разговара на телефон со црна маица со кратки ракави, црвена блуза врзана на половината и темни фармерки, истиот доаѓа од скалите десно позади

црниот столб, односно од ходникот кој води према Прес центарот и се движи во десниот долен дел на снимката.

39:35 Лицата од собраниското обезбедување и понатаму стојат покрај левиот ѕид на ходникот гледано према снимката, се гледа како разговараат со некои од луѓето кои се влезени во Собранието, покрај нив поминува лице, машко лице кое има врзано знаме на грбот, тоа се упатува во правец према Прес центарот, кон овие лица се приклучува доаѓа од правец од ходникот кој води према Прес центарот уште едно лице од обезбедувањето во Собранието, разговара со оние кои претходно веќе стојат тука, а во меѓувреме покрај нив и натаму поминуваат луѓе кои се влезени во Собранието по што лицето кое што се симна по скалите позади црниот столб се упатува во долниот десен дел од снимката, а трите лица од обезбедувањето и натаму остануваат да стојат во ходникот.

41:22 По долните скали гледано према снимката се качуваат луѓе кои се влезени во Собранието, се упатуваат десно позади црниот столб во правец према ходникот кој води према Прес центарот, собраниското обезбедување и натаму е присутно во ходникот гледајќи ги луѓето како се движат.

42:45 Се гледа женско лице како разговара со лицата од обезбедувањето, нешто со раката им покажува во задниот дел кои што заедно со нејзе се упатуваат по скалите десно позади црниот столб во правец према ходникот кој води према Прес центарот по што ова женско лице за кратко се симнува надолу по скалите зборувајќи на мобилен телефон. Се гледаат и други лица како се симнуваат по скалите надолу доаѓајќи од ходникот кој води према Прес центарот.

46:06 Во моментот на снимката не се гледа ниту едно лице, нема ниту едно лице присутно на снимката.

47:05 Се гледа како се симнуваат две лица од Прес центарот движејќи се према долниот десен дел од снимката.

47:53 На снимката се појавува лице од собраниското обезбедување, истиот разговара со женско лице во црна облека и црна ташна, истите се упатуваат во правец према Прес центарот, покрај нив поминува лице кое што е влезено во Собранието.

48:43 Се гледа машко лице во зелена кошула со подвиткани ракави, црни фармерки, како со трчање се качува по долните скали по што продолжува да се качува по скалите веднаш десно покрај лифтот, лицето од собраниското обезбедување кое пред малку се упати во правец према Прес центарот заедно со женско лице со црна облека се враќа во истиот правец и се упатува кон долниот дел на снимката, луѓе кои што се влезени во Собранието и натаму се движат по ходникот во правец од Прес центарот према долниот десен дел на снимката.

50:06 Се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски во долниот десен дел на снимката без маска, со црна маица со кратки ракави со бел натпис на грбот, со црвена блуза врзана на половината и темни фармерки. Снимката завршува во 50:06.

На снимката повторно се видоа дел од обвинетите како се движат кон Прес салата, а меѓу нив се Никола Митревски, Вилијам Михајловски, Мунир Пепиќ, Влатко Трајковски, Младен Додевски, Јане Ченто, Абдуљфета Алими и  Горан Ѓошевски. Обвинетиот Јане Ченто во еден момент се поздравува со тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Михаел Младеновски со кого потоа се упати кон Прес салата. На снимката јасно се видоа дел од новинарите кои со трчање се симнуваа по скалите. Од снимката јасно произлезе дека обвинетиот Влатко Трајковски во десната рака носи противпожарен апарат, а во левата цревото на истиот и се враќа према ходникот кој води према Прес центарот, а позади него се приближуваат и двајцата камермани. Истиот прска со противпожарниот апарат во луѓето и истите со трчање бегаат надолу по скалите, а обвинетиот Влатко Трајковски и натаму продолжува да прска со противпожарниот апарат симнувајќи се по скалите надолу по луѓето. Обвинетиот Мунир Пепиќ со десната рака ги повикува луѓето кои доаѓаат од долниот десен дел на снимката, а со левата рака покажува нагоре во правец према ходникот кој води према Прес центарот, при што луѓето продолжуваат да се движат поминувајќи покрај него во правец према Прес центарот. Воедно од оваа снимка јасно произлезе дека и обвинетите Абдуљфета Алими и Горан Ѓошевски не преземаат ништо додека покрај нив поминуваат лица кои не се вработени во Собранието.

Се врши презентација на УСБ 1 New Folder 2 Analog_1_18_55_07_04_27.0.

Снимката започнува со снимање во 18:55:07 како што е означено и на самата снимка, а реалното време се добива со додавање на минутите во точното време кога се гледа конкретно дејствие исто како и на претходната снимка. На оваа снимка се гледа влезот пред Прес салата. Пред влезот на Прес салата во моментот се гледа присуство на луѓе, дел новинари во левиот дел пред скалите се гледа пратеничката Р.Ш..

01:20 Се гледа пратеникот Д. М. и во моментот присутните нешто со погледот се вртат нагоре, се гледа дека новинарите снимаат, сликаат, во долниот дел на снимката се гледа пратеникот П. Ш., има движење и на камермани во овој ходник.

02:30 Поголем дел од новинарите се упатуваат лево по ходникот со забрзано движење, а се гледа дел од пратениците како доаѓаат во долниот десен дел од снимката, дел од нив со трчање.

02:52 Во ходникот пред Прес салата се гледа како влегува, во долниот дел на снимката, со лицето свртен према луѓето кои што доаѓаат од левиот ходник гледано према снимката е лице од обезбедувањето С. Т., сведок во оваа постапка кој со двете раце стои испружени напред, а пред него

доаѓаат лица со фантомки меѓу кои прв е обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави, темни панталони, позади него лево од него дијагонално е обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, црно сива маица, темни фармерки и црна фантомка на главата, странично од нив има уште три возрасни машки лица без маски на главите, обвинетиот Стефан Младеноски накратко се упатува према ходникот од левата страна по што повторно се врти со лицето свртен према влезот фактички од Прес салата и двете раце ги крева во воздухот раширени, позади него десно е обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и сини бермуди. Сведокот С. Т. и натаму останува на истото место на кое претходно беше опишан. Пред сведокот С.Т. доаѓаат неколку луѓе од оние што се влезени во Собранието и истите нешто комуницираат со него.

03:20 Во позадина веднаш до обвинетиот Стефан Младеноски лево од него доаѓа и обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави со црна апликација на предната страна и црна торбичка префрлена преку рамото, истиот заедно со обвинетиот Стефан Младеноски се приближуваат према сведокот С. Т., а во задниот дел во 03:25 се гледа обвинетиот Младен Додевски како влегува во просторијата од десната страна на овој ходник или хол гледано према снимката по што 03:35 обвинетиот Младен Додевски повторно се враќа во овој хол, а обвинетите кои претходно се констатирани се упатуваат према левиот ходник гледано према снимката.

03:40 Од десната, од просторијата од десната страна на холот излегува обвинетиот Никола Митревски местејќи ја црната фантомка на главата, со црна блуза со долги ракави, црно сива маица, темни фармерки и зелени патики, во позадина е и обвинетиот Младен Додевски.

03:45 Обвинетиот Никола Митревски се поздравува со лице кое што стои десно од сведокот С.Т. носејќи ја црната фантомка на себе, на обвинетиот Никола Митревски му се приближува и обвинетиот Младен Додевски, во позадина се гледа и лицето Дејан Давидовски кој е во бегство.

04:03 На сведокот С. Т. непосредно пред него му застанува обвинетиот Никола Митревски носејќи фантомка на главата, се гледа дека има некаква комуникација помеѓу нив, истите стојат блиску еден према друг свртени, лево во позадина дијагонално од обвинетиот Никола Митревски е и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата и сива маица со кратки ракави, бела апликација, позади нив се гледа лице во црн костим од обезбедувањето кое со раширени раце стои према луѓето свртени кон него, а кои се влезени во Собранието, а меѓу кои луѓе е и обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата и бела маица со кратки ракави.

04:05 Се гледа како сведокот С. Т. со раката го оттурнува обвинетиот Никола Митревски кој стои точно пред него носејќи црна фантомка на

главата, 04:07 по што се гледа обвинетиот Никола Митревски како го удира сведокот С. Т. и се повлекува обвинетиот наназад, а обвинетиот Младен Додевски стои странично и разговара нешто со другото лице кое што стоеше до сведокот С.Т. облечен во црна кожна јакна, лицето од собраниското обезбедување пробува да ги тргне луѓето кои што се влезени во овој хол вклучувајќи ги и обвинетите Младен Додевски, Никола Митревски и Дејан Давидовски.

Во 04:25 обвинетиот Никола Митревски со фантомка на глава и црна блуза со долги ракави, темни фармерки и зелени патики се упатува во ходникот лево гледано према снимката, додека обвинетите Младен Додевски и Дејан Давидовски и натаму остануваат да стојат во овој хол, а тука е и сведокот С. Т., по што во 04:38 истите се упатуваат во левиот ходник гледано према снимката, но се гледа дека обвинетиот Дејан Давидовски стои на почетокот од тој ходник. Сведокот С. Т. во 05:35 се губи во долниот десен дел од оваа снимка, а во горниот дел од снимката пред скалите лево се гледа обвинетиот Никола Митревски со зелени патики, темни фармерки и црна блуза со долги ракави, се гледа возрасно машко лице како ракоплеска нешто со рацете, пробува да дојде до средината на овој хол по што лица од собраниското обезбедување го враќаат назад и го упатуваат во левиот ходник од овој хол гледано према снимката. Во горниот дел на снимката се гледа присуство на луѓе како стојат свртени према вратата на Прес центарот, дел од тие се новинари. Во средина на холот 07:20 и понатаму се гледа присуство на лица од собраниското обезбедување, еден од нив постојано се движи во правец во левиот ходник од овој ходник гледно према снимката враќајќи се наназад пред вратата на Прес центарот.

08:03 Во долниот дел на снимката се гледа лице со црн костим и радио врска во десната рака како повикува нешто нанапред, за кратко лицето се појавува, се придвижува ова лице до средниот дел од холот при што од горниот дел на холот во правец према вратата на Прес центарот се приближува пратеничката Р. Ш., а позади неа има три машки лица. Се гледа во позадина дека дел од новинарите, односно камерманите снимаат што се случува во овој хол.

09:15 Во моментот во холот се гледа присуство на лица од собраниското обезбедување на средниот дел, а во горниот дел присутни се новинарите.

09:36 Во левиот ходник гледано према снимката се појавува лице од обезбедувањето, истиот гестикулира нешто со рацете и се упатува према вратата на Прес центарот, Прес салата.

10:05 Во холот се појавува обвинетиот Оливер Поповски заедно со други лица, истиот се упатува во долниот дел на оваа снимка. Обвинетиот Оливер Поповски и натаму стои во долниот дел на снимката, а тоа е точно пред вратата на Прес салата, до него има и други машки лица, едниот во темно сино елече и посветла сина блуза со кратки ракави и префрлена торбичка преку рамото. Снимката трае 11 минути и 52 секунди.

На снимката се гледаат некои пратеници меѓу кои Р. Ш. и Д. М., а се гледа и присуство на новинари. Воедно на оваа снимка јасно се гледа како обвинетиот Никола Митревски Кољо го удира сведокот С. Т., а потоа обвинетиот се повлекува наназад, а во негова близина се наоѓа и обвинетиот Младен Додевски. Воедно на снимката се гледа дека во холот пред Прес салата се наоѓа и обвинетиот Оливер Поповски.

Се врши презентација на УСБ 1 New Folder 2 Analog_1_18_55_07_04_27.1.

На оваа снимка се гледа влезот пред Прес салата, а реалното време се додава кога на почетокот од претходниот видео запис ќе се додаде целосното време од првата снимка, тоа се 11 минути и 52 секунди плус времето од оваа снимка во која што се случува конкретно дејствие.

На снимката во долниот лев дел се гледа обвинетиот Оливер Поповски свртен со лицето према камерата, носи темно сина јакна, во холот се присутни лица од собраниското обезбедување, а во горниот дел од холот се присутни новинари. Во левиот дел на холот се гледа дека влегуваат луѓе во 00:04, прв влегува обвинетиот Никола Митревски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави, темни фармерки и зелени патики и истиот само што се појавува во холот се врти према новинарите кои стојат во горниот дел од холот и со десната рака нешто гестикулира према нив, позади него е и обвинетиот Стефан Младеноски со црна фантомка на главата и црно безбол капче, со црна блуза со долги ракави и истиот заедно со обвинетиот Никола Митревски се упатуваат према новинарите при што веднаш им приоѓаат околу нив две лица од обезбедувањето, а лево од овие двајца обвинети стои обвинетиот Митре Питроповски со црна фантомка на главата, црна облека на себе и црвени патики, а во долниот дел на снимката и понатаму се гледа како е присутен обвинетиот Оливер Поповски.

00:10 Во овој хол од левата страна гледано према снимката влегува и обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка на главата, со црни три-четврт панталони и црна маица со кратки ракави, позади него покрај ѕидот исто така доаѓајќи од левиот ходник гледано према снимката се појавува и обвинетиот Горанче Анѓеловски со сива долна тренерка, црна блуза со долги ракави и црна фантомка на главата, обвинетиот Оливер Поповски заедно со машкото лице со темно син елек и посветла сина блуза се приближуваат нанапред према средината на холот, према нив се упатуваат обвинетите Никола Митревски со црна фантомка, црна блуза со долги ракави, црно сива маица, темни фармерки и зелени патики, десно од обвинетиот или лево гледано према снимката е обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка, црна блуза со долги ракави и темни фармерки, истите поминуваат, истите си поминуваат покрај обвинетиот Оливер Поповски кој си стои, па во моментот кога целосно го поминуваат се врти наназад со погледот, а пред него десно дијагонално е и обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка на

главата, црна блуза со кратки ракави, црни три-четврт панталони. Обвинетиот Никола Митревски се гледа дека се упатува према вратата на Прес центарот каде во долниот десен дел на снимката стои сеуште сведокот С.Т., па откако обвинетиот Никола Митревски се приближи блиску до сведокот С. Т. и замавнува со рацете, обвинетиот Оливер Поповски доаѓа до обвинетиот Никола Митревски, благо го оттурнува да се врати наназад и застанува точно пред сведокот С.Т., а покрај него застануваат и други лица од обезбедувањето, а пред нив стојат обвинетите Никола Митревски, Стефан Младеноски, Илија Славевски и Горанче Анѓеловски сите со црни фантомки на главите, како и уште две други лица во позадина од оваа група исто така со црни фантомки на главите. Меѓу нив има и лица кои што не носат маски. Се гледа дека обвинетиот Никола Митревски стои прв и пробува да се пробие нанапред према вратите од Прес центарот, но пред него стојат лица од обезбедувањето во Собранието, а позади нив е и обвинетиот Оливер Поповски, а во негова позадина лево дијагонално стои возрасно машко лице кој е влезен во Собранието. Обвинетиот Никола Митревски и натаму пробува да се пробие према вратите, а веднаш позади него е обвинетиот Стефан Младеноски, обвинетиот Оливер Поповски стои пред овие лица, го допира едно од лицата со фантомка во грбот, по што обвинетиот Горанче Анѓеловски со сива долна тренерка, црна блуза со долги ракави и црна фантомка во 01:16 се приближува према средина од холот, застанува до скалите и со десната рака повикува, а во средина во холот се гледа како се движи и обвинетиот Илија Славевски тука е и обвинетиот Никола Митревски, обвинетиот Оливер Поповски благо го фаќа за раката, левата рака, обвинетиот Никола Митревски, но тој си продолжува да се движи надолу према вратите од Прес салата, а во долниот дел на снимката се гледа дека сеуште стои и сведокот С. Т. по што и обвинетиот Оливер Поповски се приближува непосредно пред сведокот С. Т., обвинетиот Стефан Младеновски седнува на една од фотелјите во ходникот, а веднаш до него стои обвинетиот Илија Славевски по што и тој седнува на една од фотелјите и двајцата носат црни фантомки на главите, а обвинетиот Стефан Младеноски и црно безбол капче, а пред нив стои и обвинетиот Никола Митревски, исто така со црна фантомка на главата, а до нив доаѓа и обвинетиот Оливер Поповски. Истите нешто разговараат, во негова позадина, односно странично од масата е и лицето со темно сино елече кое беше во придружба на обвинетиот Оливер Поповски, обвинетиот Илија Славевски се гледа дека нешто пие, се приближува кон средина на холот носејќи ја црната фантомка на главата, свртен е со погледот и со рацете према новинарите кои стојат во горниот дел на овој хол гледано према снимката, по што повторно се враќа према фотелјите.

03:26 И понатаму се гледа лицето без маска, возрасен човек кој што не е дел од вработените во Собранието, а и претходно беше присутен во овој хол како се расправа со дел од лицата од собранискoто обезбедување, истиот носи слика од лик во десната рака, а во долниот дел на снимката се гледа обвинетиот Никола Митревски со кренатa фантомка на челото,

позади него е и обвинетиот Стефан Младеноски, обвинетиот Никола Митревски пробува да се пробие према вратите, пред него стои обвинетиот Оливер Поповски, обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче и црна фантомка стои десно од обвинетиот Никола Митревски, а позади него стои обвинетиот Илија Славевски исто така со црна фантомка на лицето, по што обвинетиот Никола Митревски и Стефан Младеноски се упатуваат лево и се губат од на кратко од снимката, а обвинетиот Илија Славевски седнува на една од фотељите во овој хол и има цигара во устата.

05:05 Обвинетиот Илија Славевски ја вади фантомката од лицето, продолжува да ја пуши цигарата и станува од фотељата, по што повторно седнува на една од фотељите во долниот дел од снимката за кратко се гледа обвинетиот Оливер Поповски со мобилен телефон во рацете во холот и натаму има присутни лица од обезбедувањето во Собранието, истите стојат, накратко се движат до средина на холот и назад према вратите.

05:45 На снимката повторно се гледа обвинетиот Стефан Младеноски со црна фантомка, црно безбол капче, црна блуза со долги ракави, темни фармерки и црна торбичка префрлена преку рамото, истиот се упатува према левиот ходник гледано према снимката, обвинетиот Илија Славевски и натаму седи на една од фотељите без фантомката која претходно ја носеше на себе. Лицето, машкото возрасно лице со слика во рацете и натаму се гледа во долниот дел на снимката како нешто постојано зборува и се расправа со некого.

06:24 Во десниот долен агол се гледа сведокот С.Т., а лево дијагонално на него е и обвинетиот Оливер Поповски, а тука се присутни и други лица од обезбедувањето од Собранието.

06:47 Се гледа дека обвинетиот Илија Славевски разговара на мобилен телефон.

07:07 Во холот влегува обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црни пантолони, бели патики и црна блуза врзана на пловината, позади него е обвинетиот Стефан Младеноски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави, темни фармерки, позади нив има уште едно машко лице со црна фантомка на главата, тексас бермуди, црна блуза со долги ракави и апликација на предната страна од блузата, а позади него е обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела голема хоризонтална линија на предната страна, позади нив е и обвинетиот Игор Југ кој не носи маска, има црна маица со кратки ракави, темни фармерки со бела апликација на предната страна, позади него е обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и сини бермуди, лево од него непосредно по скалите, во моментов 07:19, странично свртен према камерата е обвинетиот Вилијам Михајловски со црна маица со

кратки ракави, не носи маска, а право пред него дијагонално е обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави со црна апликација на предната страна, со црна торбичка префрлена преку рамото и темни панталони, сите тие се приближуваат и застануваат кај фотелјите од холот, дел од нив седнуваат, а тука е присутно и собраниското обезбедување, се гледа дека обвинетиот Стефан Младеноски нешто со раката покажува нанапред, позади нив стои лице од собраниското обезбедување кон средина на холот, односно точно позади групата луѓе се приближува и обвинетиот Игор Југ, обвинетиот Михаел Младеноски исто така мавта нешто со раката, зборува нешто со лице во сив костум, покажува со раката према себе, обвинетиот Дејан Давидовски исто така се приближува непосредно пред лицата што стојат пред вратите од Прес, по што обвинетиот Игор Југ доаѓа пред нив и се губи во левиот дел од снимката. Тука се и обвинетите Стефан Младеноски со црно безбол капче и црна фантомка, а позади него со скрстени раце стои обвинетиот Младен Додевски, позади него е обвинетиот Захарие Симовски, позади обвинетиот Вилијам Михајловски.

Во 08:56 се гледа како едно лице паѓа нанапред, тоа е А. Ј., началник на обезбедувањето во Собранието, истиот паѓа пред фотелјите, тука се прави гужва околу него, се туркаат. Се гледа дека лицето А. Ј. некој го бутка, истиот паѓа на подот покрај фотелјите, околу него се собираат обвинетите Захарие Симовски, Младен Додевски, уште едно лице со црна фантомка на себе, лица од обезбедувањето се гледа како стојат во позадина позади лицата со фантомки и гледаат што се случува, а едно лице од обезбедувањето кое што стои пред фотелјите со рацете пробува да ги оттурне лицата со фантомки кои доаѓаат према А. Ј. кој беше бутнат на подот. Во групата луѓе кои што се буткаат околу лицето А.Ј. во позадина е и обвинетиот Игор Југ, а лево се гледа и обвинетиот Михаел Младеноски, како и обвинетиот Никола Митревски кого пробува да го тргне едно лице со светло зелена, со модра блуза со долги ракави, по што обвинетиот Игор Југ се пробива нанапред према вратите на Прес центарот, а на снимката во позадина се гледаат обвинетите Михаел Младеноски и Младен Додевски, истите стојат свртени со лицата према вратите на Прес центарот, и во 09:33 се гледа во левиот долен агол на снимката како обвинетиот Захарие Симовски се оттурнува наназад, обвинетиот Михаел Младеноски фрла со шише према вратите на Прес центарот, пред него е обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, до него обвинетиот Стефан Младеноски е обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка и сива маица со кратки ракави, а покрај десниот ѕид од холот се гледа како стојат лица од собраниското обезбедување при што едно лице во сив костим го допира по грбот обвинетиот Михаел Младеноски, а во позадина на снимката непосредно пред десната врата од просторијата гледано према снимката, стои и обвинетиот Вилијам Михајловски свртен и гледа што се случува со цигара во раката, пред вратата Прес вратата и понатаму има буткање помеѓу лицата со фантомки вклучувајќи ги и обвинетите кои беа опишани и дел

од лицата од собраниското обезбедување, доле во долниот десен ќош е и обвинетиот Оливер Поповски кој гледа што се случува и стои покрај ѕидот од десната страна на холот притоа не превземајќи ништо. Во средина на фотелјите се гледаат во 10:28 се гледат обвинетите Игор Југ без маска, Захарие Симовски со фантомка, црна блуза со долги ракави, бела голема хоризонтална линија на предната страна, обвинетиот Младен Додевски со сива маица, црна фантомка, пред него обвинетиот Никола Митревски се гледа дека има некаква комуникација помеѓу нив, по што повторно сите се вртат према вратите од Прес центарот, а во меѓувреме лицата од обезбедувањето му помагаат на A.J. кој се упатува во десниот дел од ходникот,

10:39 Се гледа обвинетиот Младен Додевски, по него обвинетиот Михаел Младеноски, потоа Стефан Младеноски и Захарие Симовски како се упатуваат во левиот ходник гледано према снимката. Во левиот долен агол свртен со грбот према камерата се гледа и обвинетиот Оливер Поповски со темно сина јакна, истиот стои свртен со лицето према луѓето со фантомки вклучувајќи ги и обвинетите, а непосредно пред него свртен со грбот е и обвинетиот Никола Митревски со црна фантомка, црна блуза со долги ракави, темни фармерки и зелени патики. Лево од обвинетиот Оливер Поповски, во 10:46 застанува обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, бела маичка со кратки ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, по што обвинетиот Оливер Поповски го вади мобилниот телефон, се повлекува покрај ѕидот и започнува да разговара со некого, а пред него во средина на холот и натаму се присутни лицата со фантомки влучувајќи ги и обвинетите кои беа опишани. До обвинетиот Оливер Поповски има и други лица од обезбедувањето во Собранието.

11:19 Во десната просторија од овој хол гледано према снимката се упатуваат обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината и црни панталони, точно пред вратата свретен со грбот е обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка, бела капуљача, црна блуза со долги ракави, а лево во ходникот покрај фотељите стои и обвинетиот Игор Југ кој не носи маска, а во моментот 11:24 во горниот дел на снимката покрај скалите се гледа и обвинетиот Стефан Младеноски со црна фантомка, црно безбол капче и црна блуза со долги ракави. Обвинетите и понатаму стојат во средина на овој хол, се шетаат, тука се и луѓе од собраниското обезбедување кои стојат и гледаат, а во долниот дел на снимката и натаму стои обвинетиот Оливер Поповски и тој исто така стои и ги гледа луѓето со фантомки, по што 12:01 обвинетиот Оливер Поповски се упатува во просторијата од десната страна на овој хол гледано према снимката, разговара со некого, а лево од него и натаму стојат обвинетите со фантомки на главите, истите за момент се приближуваат према ходникот од левата страна на овој хол гледано према снимката, по што повторно се враќаат назад и дел од нив, односно обвинетите Михаел Младеноски и Дејан Давидовски седнуваат на фотељите од левата страна на ходникот,

а нанапред кон вратите од Прес салата се приближува обвинетиот Захаре Симовски со црна фантомка на главата, со црна блуза со долги ракави бела капуљача во позадина на грбот и голема бела хоризонтална линија на предната страна, истиот го крева машкото возрасно лице со слика што носи во една од рацете.

13:30 Од десната просторија гледано према снимката излегува камерман и се упатува кон средината на овој хол, поточно доаѓа пред некаде кај фотелјите, во холот влегуваат и други луѓе кои што се влезени во Собранието, дел со знамиња во рацете, дел имаат врзани знамиња на главите, се гледа обвинетиот Оливер Поповски како се движи помеѓу овие луѓе и доаѓа повторно во долниот дел на снимката, а лицата со фантомки вклучувајќи ги и обвинетите и натаму стојат во холот.

14:10 Обвинетиот Оливер Поповски се гледа во долниот десен дел во темна сина јакна на себе се приближува меѓу толпата луѓе, лево од него луѓе со фантомки тие се приближуваат према вратите од Прес центарот, а обвинетиот Оливер Поповски се движи према горниот дел од холот, се разминува со луѓето, застанува на кратко, се врти, покрај него поминува и обвинетиот Игор Југ кој плеска со рацете, обвинетиот Влатко Трајковски поминува покрај него, обвинетиот Оливер Поповски гледа што се случува, не превзема ништо, стои на страна повлечен иако се гледа дека луѓето се буткаат према вратите од Прес центарот, меѓу тие луѓе има лица со фантомки, се повеќе се зголемува бројот на луѓе кои што доаѓаат према вратите од Прес центарот, а обвинетиот Оливер Поповски поминува покрај нив и застанува во горниот дел од снимката свртен со лицето према вратите од Прес салата и гледа што се случува иако пред него има лица со фантомки, истите се буткаат за да ги отворат вратите, до него има лица што носат знамиња во рацете, се гледа дека се влезени во Собранието, а не се дел од вработените, по што тој застанува во скроз горниот дел од снимката каде има се помалку луѓе, а со лицето и понатаму стои свртен према вратите од Прес центарот.

14:17 Се гледа како се собира поголема група на луѓе и истите се придвижуваат према вратите од Прес центарот, се гледа две машки лица како ги повикуваат другите луѓе да се приближат према вратите од Прес центарот, се гледа обвинетиот Оливер Поповски во средина на холот помеѓу луѓето, позади него има лице кое што држи знаме, истиот се врти према луѓето кои се упатуваат према вратите од Прес центарот, а во долниот десен дел на снимката се гледа и обвинетиот Абдуљфета Алими кој исто така гледа што се случува пред вратите од Прес центарот каде што се собираат луѓе кои се влезени во Собранието не превземајќи ништо, лицата со фантомки вклучувајќи ги и обвинетите се повеќе се приближуваат према вратите пред Прес центарот.

14:27 Се гледа и обвинетиот Игор Југ како се приближува према вратите од Прес центарот, се гледа дека луѓето се буткаат позади обвинетиот Игор

Југ и обвинетиот Вилијам Михајловски, а позади него е обвинетиот Влатко Трајковски со зелено маскирно елече лево од нив.

14:47 Се гледа обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка, црна блуза со долги ракави и бела голема хоризонтална линија како скока, пред него свртен странично према камерата е и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка и сива маица, се гледа и понатаму буткање на сите овие луѓе према вратите на Прес центарот, новинари снимаат, односно фотографираат со апарати, помеѓу луѓето кои што се буткаат се гледат обвинетите Игор Југ, Вилијам Михајловски, Младен Додевски, толпата на луѓе која што се собира пред вратите на Прес центарот врши притисок, се зголемува.

15:25 Понатаму се гледа буткање према вратите, се гледа дека во еден момент лицата се вртат према нивната десна страна, односно лево гледано према снимката, буткањето према вратите и натаму продолжува на луѓето.

15:33 Во левиот дел на снимката пред скалите се гледаат обвинетите Стефан Младеноски со црно безбол капче и обвинетиот Михаел Младеноски кои што носат и двајцата црни фантомки на главите, стојат еден до друг, обвинетиот Михаел и обвинетиот Стефан се пробиваат нанапред према вратите од Прес и се гледа дека во моментот луѓето влегуваат према Прес салата, а во долниот десен дел на снимката се гледа обвинетиот Абдуљфета Алими како стои свртен према толпата и гледа што се случува не превземајќи ништо.

15:38 Во средина на холот десно од скалите гледано према снимката со телефонот во двете раце се гледа и обвинетиот Мунир Пепиќ, а непосредно пред овој момент беше пробивањето на луѓето во Прес салата. Обвинетиот Мунир Пепиќ со телефонот и понатаму во рацете погледнува накратко што се случува према вратите од Прес салата и се пробива помеѓу луѓето најверојатно влегувајќи внатре во Прес салата.

16:23 Се гледа како излегува, како се појавува на средина од снимката обвинетиот Михаел Младеноски и со едната рака гестикулира нешто нагоре и се упатува према средниот дел од снимката.

16:16 Во горниот дел на снимката дијагонално од скалите десно гледано према снимката се гледа и обвинетиот Влатко Трајковски со зелено маскирно елече, црна блуза со долги ракави, црни пантолони, истиот е свртен со грбот према камерата.

16:24 Се гледа како од Прес салата излегуваат обвинетиот Михаел Младеноски и Стефан Младеноски, обвинетиот Стефан Младеноски носи црно безбол капче, црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави, а обвинетиот Михаел Младеноски носи црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, истите се приближуваат во правец према скалите при што обвинетиот Михаел Младеноски гестикулира со рацете.

16:29 Во левиот агол, среден агол, среден дел на снимката се гледа обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна, а во средина на снимката со темно сина јакна со грбот свртен према камерата се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ, а во најдолниот дел, среден дел на снимката се гледа и обвинетиот Абдуљфета Алими свретен со лицето према камерата. Пред обвинетиот Мунир Пепиќ има и лице со фантомка, истиот се разминува со обвинетиот Мунир Пепиќ, нешто обвинетиот покажува со раката надолу, стои меѓу луѓето, не превзема ништо, ги гледа како влегуваат и излегуваат од Прес салата, се гледа пратеникот А. Г. како излегува од Прес салата,  сеуште стојат лица со фантомки, во средина на холот се гледа лице кое што е влезено во Собранието како излегува од Прес салата, а со раката повикува на внатре и е свртен према луѓето кои што доаѓаат према вратите.

17:06 Во средина на снимката се гледа обвинетиот Захарие Симовски свртен со грбот према камерата со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави, бела капуљача во позадината и црни панталони, истиот бутка едно лице нанапред и се приближува према левикот ходник гледано према снимката.

17:14 Од Прес салата излегува и обвинетиот Младен Додевски свртен со грбот према камерата, со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави и сини бермуди, позади него има машко лице без маска на главата, а позади тоа лице е обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави и црни три-четврт панталони, во левиот агол 17:21 и натаму се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ како стои и пишува на мобилниот телефон свртен со лицето према камерата, а позади него лево дијагонално е обвинетиот Оливер Поповски, а позади обвинетиот Оливер Поповски е обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела голема хоризонтална линија на предната страна и црни панталони. Обвинетиот Оливер Поповски се приближиува во долниот дел на снимката, најверојатно влегува во Прес салата, 17:24 а веднаш позади него се обвинетите Захарие Симовски и обвинетиот Младен Додевски, двајцата свртени со лицата према камерите, обвинетиот Младен Додевски носи црна фантомка, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и сини бермуди. Обвинетиот Илија Славевски во 17:33 и понатаму продолжува да стои во средината на овој хол носејќи ја црната фантомка на себе, по што се приближува кон левиот дел на снимката покрај скалите каде што е и обвинетиот Влатко Трајковски кој се приближува према вратите од Прес салата и во 17:48 се гледа дека има кратка конверзација помеѓу обвинетите Влатко Трајковски и Илија Славевски во горниот лев дел на снимката покрај скалите, по што обвинетиот Влатко Трајковски се приближува надолу према вратите од Прес салата. Во 17:53 покрај него поминува пратеничката Р. Ш. која ја носи друго машко лице и се гледа дека обвинетиот Влатко Трајковски ја

подбутнува, ја удира со десната рака по што истиот продолжува да се движи према Прес салата.

Во 18:00 се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски свртен со лицето према камерата како стои пред една од фотелјите од холот, без маска, со црна маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и темни фармерки.

18:03 Во средина од холот повторно се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ свртен со грбот према камерата, гледа надолу најверојатно повторно во мобилниот телефон, а пред него има послабо машко лице со јакна со три-четврт или завиткани ракави и светло сива блуза под неа која е подолга од јакната. Луѓето кои се влезени во Собранието и натаму се движат према внатре во Прес салата и излегуваат од неа, а обвинетиот Мунир Пепиќ се приближува према десниот ѕид од овој хол, ги гледа луѓето, не превзема ништо по што истиот во 18:21 се упатува према долниот дел на снимката и се разминува со обвинетиот Младен Додевски кој носи црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави и сини бермуди. Обвинетиот Младен Додевски се упатува во горниот дел на овој ходник, гледа нешто на кратко во мобилниот телефон, по што повторно се враќа према Прес салата, а обвинетиот Илија Славески во 18:44 и натаму стои во средина од холот носејќи ја црната фантомка на себе, црни три-четврт панталони и црна маица со кратки ракави.

Во 18:58 Обвинетиот Младен Додевски излегува од Прес салата, свртен е странично према камерата со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави и сини бермуди, истиот се упатува во левиот дел покрај скалите од овој хол гледано према снимката.

Во 19:05 од Прес салата излегува обвинетиот Влатко Трајковски свртен со грбот према камерата, со зелено маскирно елече, црна блуза со долги ракави и црни пантолони, истиот се упатува према десниот ходник од оваа просторија, но за кратко повторно се враќа назад поминувајќи покрај обвинетиот Илија Славески.

19:28 Се гледа како позади обвинетиот Влатко Трајковски поминува обвинетиот Вилијам Михајловски со грбот свртен према камерата, со црна маица со кратки ракави со бел натпис на задниот дел од маицата, црвена блуза врзана на половината, темни фармерки, истиот го допира по грбот обвинетиот Влатко Трајковски по што продолжува да се движи нанапред. Во горниот дел од снимката на средина од холот се гледа и обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, бела маичка со кратки ракви со црна апликација на предната страна и црна торбичка префрлена преку рамото.

19:39 Се гледа како обвинетиот Вилијам Михајловски се враќа према Прес салата, а обвинетиот Илија Славевски и натаму стои покрај една од фотелјите во холот носејќи ја црната фантомка на себе, а обвинетиот

Дејан Давидовски со мобилниот телефон во рацете влегува во Прес салата заедно со другите луѓе кои што исто така влегуваат внатре.

20:05 Се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ во средниот дел на оваа снимка со лицето свртен према камерата со темно сина јакна како се поздравува со лице со кремаста јакна и светло сина блуза или маица под нејзе. И двајцата се упатуваат према Прес салата, а позади нив се движат луѓе, односно влегуваат во Прес салата луѓе кои што не се вработени во Собранието.

На снимката во 20:27 се гледа присуство на камермани кои снимаат према внатрешниот дел на Прес салата по што се упатуваат во горниот дел од овој ходник, а воедно се забележува и поголемо излегување на луѓе од Прес салата меѓу кои е и обвинетиот Мунир Пепиќ, истиот се упатува према левиот ходник гледано према снимката.

Во 20:50 Се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски како поминува покрај фотелјите од левата страна на холот, истиот за кратко се свртува повторно према Прес салата по што се упатува према средниот дел од холот, застанува помеѓу групата луѓе.

21:10 Се гледа како луѓето со поглед се вртат нагоре, но на снимката не може да се види што гледаат, а во истиот момент од Прес салата излегува обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка, црни три-четврт панталони и црна маица со кратки ракави и истиот се упатува према левиот ходник гледано према снимката и поминува точно покрај скалите.

21:41 Се гледа од луѓето како застануваат покрај десниот ѕид од холот и скоро сите се свртени со погледите нагоре при што дел од луѓето се гледа како снимаат или сликаат со мобилните телефони свртени нагоре.

22:03 Се гледа како со трчање излегуваат од Прес салата две машки лица и се упатуваат према средниот дел, а позади нив се гледа возрасно машко лице со црна кожна јакна при што истиот нешто им се обраќа.

22:23 Во горниот лев дел на снимката се гледа као се собираат поголем број на луѓе и сите стојат свртени према ходникот кој доаѓа од оваа лева страна гледано према снимката, а дел од луѓето и натаму гледаат горе што се случува.

22:50 Во долниот дел на снимката свртен со грбот према камерата се гледа обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со бела маица со кратки ракави, со црна торбичка префрлена преку рамото, црна фантомка на главата и истиот пишува нешто на мобилниот телефон. Во горниот лев дел на снимката во 23:05 точно пред скалите се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ кој нешто гестикулира со рацете и се гледа дека разговара со дел од луѓето кои што се влезени во Собранието, покрај него и натаму си поминуваат луѓе кои влегуваат во Прес салата, а воедно поминува и обвинетиот Захарие Симовски со црна маска на лицето, црна блуза со долги ракави со голема бела хоризонтална линија на предната страна и

црни панталони, истиот на кратко се поздравува со некое лице од толпата и доаѓа до средниот дел, со рацете гестикулира према вратата од Прес салата, стои помеѓу луѓето кои што влегуваат во Прес салата по што и тој влегува внатре.

23:52 На снимката се гледа обвинетиот Михаел Младеноски како доаѓа од левиот ходник влегувајќи во овој хол гледано према снимката, истиот носи црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината, бели патики и темни фармерки, истиот се движи во средина на ходникот и потоа се приближува во горниот дел од овој хол по што застанува покрај ѕидот во горниот дел на снимката спротивно од скалите.

24:27 Во левиот дел на снимката покрај фотелјите поминува обвинетиот Михаел Младеноски држејќи мобилен телефон во десната рака, со црна фантомка на главата и црна маица со кратки ракави и се упатува во правец за кратко време према Прес салата по што повторно оди во левиот ходник гледано према снимката.

24:45 Се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со лицето свртен према камератата, со црна маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и темни фармерки и истиот се приближува со цигара во устата и се приближува према Прес салата.

24:59 На снимката се гледа обвинетиот Младен Додевски како излегува од Прес салата со грбот свртен према камерата, со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави и сини бермуди, веднаш позади него се гледа и обвинетиот Вилијам Михајловски.

25:08 Се гледа обвинетиот Никола Митревски кој не носи маска, со црна блуза со долги ракави, црно сива маица, темни фармерки и зелени патики и истиот се движи во правец према Прес центарот.

25:10 Во левиот дел на снимката покрај скалите се гледа повторно обвинетиот Мунир Пепиќ, истиот се движи помеѓу луѓето кои што се влезени во ова Собрание во правец према Прес салата, позади него има лице со врзано знаме на челото.

25:16 На снимката во долниот дел се гледа обвинетиот Јане Ченто кој не носи маска на себе, има брада на лицето, црна јакна и со лицето е свртен према камерата и се движи во правец према Прес салата.

25:32 Се гледа повторно обвинетиот Никола Митревски свртен странично према камерата со црна блуза и истиот како и другите луѓе во овој момент со погледот е свртен нагоре.

25:48 На снимката во долниот дел се гледа обвинетиот Михаел Младеноски свртен со грбот према камерата, со црна фантомка и црна маица со кратки ракави, веднаш позади него е лице со знаме на грбот и темно сива капуљача, обвинетиот Михаел се придвижува кон средниот дел од холот при што ја трга фантомката од главата и со левата рака ја

допира косата по што се упатува, по што повторно во 25:57 повторно ја става фантомката на главата и се упатува према десната просторија од овој хол гледано према снимката.

26:00 На снимката во долниот десен дел се гледа обвинетиот Младен Додевски со лицето свртен према камерата и зборува на мобилен телефон, а носи црна фантомка на главата и сива маица со кратки ракави, бела апликација на предната страна.

Присуството на луѓе кои што влегуваат во Прес салата и натаму е големо, а во 26:05 се гледа луѓето како со забрзано движење се упатуваат од внатрешноста на Прес салата, меѓу овие луѓе има и лица со фантомки на главите.

26:34 Се гледа како поголем број на луѓе излегуваат од Прес салата, но со погледот свртени према Прес салата, а во долниот десен дел на снимката се гледа и обвинетиот Младен Додевски со лицето свртен према камерата, со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна и сини бермуди, истиот гледа што се случува внатре према Прес салата од каде што излегуваат поголем број на луѓе, но тој и понатаму останува да стои свртен према вратите од Прес салата, по што во 27:03 обвинетиот продолжува да се движи према средината од овој хол и повторно се враќа наназад, а позади него има уште едно лице со црна фантомка и црна облека на себе.

27:19 Во левиот дел на снимката лево од обвинетиот Младен Додевски гледано према снимката се гледа и обвинетиот Вилијам Михајловски кој не носи маска, со лицето свртен према камерата, со црна маица и бела апликација на предната страна, по што обвинетиот Вилијам и обвинетиот Младен се упатуваат према левиот ходник од овој хол гледано према снимката, обвинетиот Младен Додевски повторно се враќа према вратите од Прес салата, истиот држи нешто во рацете, разговара со едно лице, држи мобилен телефон во левата рака, позади него повторно застанува машкото лице со црна фантомка на главата и црна облека на себе кој претходно стоеше до него, а во позадина повторно се гледа и обвинетиот Вилијам Михајловски со лицето свртен према камерата кој стои пред фотељите од левата страна на овој хол по што обвинетиот Младен Додевски со мобилниот телефон во рацете се упатува према левиот ходник гледано према снимката, а обвинетиот Вилијам Михајловски се упатува према Прес салата. Помеѓу луѓето кои што стојат во холот има и понатаму луѓе со фантомки, а присутни во средина на холот се и лица од обезбедувањето во Собранието.

28:56 На снимката се гледа како излегува од Прес салата обвинетиот Дејан Давидовски свртен со грбот према камерата, со бела маица со кратки ракави и црна торбичка префрлена преку рамото.

29:27 И понатаму има движење на луѓе кои влегуваат и излегуваат во Прес салата.

29:37 На снимката се гледа како излегува од Прес салата обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела капуљача и црни панталони.

29:42 На снимката во долниот лев дел се гледа обвинетиот Оливер Поповски свртен со грбот према камерата истиот излегува од Прес салата и носи темно сина јакна и се упатува према средниот дел од овој хол поминувајќи помеѓу луѓето кои стојат тука.

29:51 Од Прес салата излегува и обвинетиот Вилијам Михајловски кој разговара на мобилен телефон држејќи го со десната рака со црна маица со кратки ракави, со бел натпис на позадина на грбот, црвена блуза врзана на половината и темни фармерки, а лево дијагонално од него во позадина се гледа обвинетиот Влатко Трајковски со лицето свртен према камерата, со црна блуза со долги ракави, црни панталони и зелено маскирно елече, се гледа дека обвинетиот Захарие Симовски разговара со некое лице од луѓето што стојат во овој хол по што двајцата се упатуваат према десниот дел од овој хол.

Во 30:15 се гледа како од Прес салата излегува и обвинетиот Влатко Трајковски свртен со грбот према камерата, со зелено маскирно елече, се поздравува со машко лице со блуза со кремасти долги ракави и кремасто елече, а потоа се гушка со машко лице кое е со црна маица, кое стои покрај десниот ѕид од овој хол гледано према снимката за веднаш позади него во 30:27 со истото лице се поздравува и обвинетиот Мунир Пепиќ, застанува покрај него, накратко нешто разговараат, а позади него и натаму, позади обвинетиот Мунир Пепиќ и понатаму поминуваат луѓе кои се влезени во Собранието движејќи се внатре према Прес салата и излегувајќи од истата.

30:49 Во левиот дел на снимката покрај фотељите и понатаму се гледа дека стои обвинетиот Захарие Симовски со лицето свртен према камерата со црна фантомка на главата, црна блуза со голема бела хоризонтална линија на предната страна, пред него стои друго машко лице со црна фантомка и црна маица со кратки ракави а позади се гледа лице кое што има врзано знаме на грбот.

30:54 Во долниот десен дел и понатаму се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ како разговара со лицата кои стојат покрај десниот ѕид од овој хол и ги гледа луѓето кои што влегуваат и излегуваат од Прес салата, а покрај него во 31:05 поминува обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка, црна блуза со долги ракави, бела голема хоризонтална линија на предната страна, по што обвинетиот Мунир Пепиќ повторно се врти со лицето према Прес салата и се губи во долниот дел од снимката, најверојатно влегува внатре, а обвинетиот Захарие Симовски се упатува према горниот дел од снимката.

31:27 На снимката во долниот лев дел се гледа обвинетиот Јане Ченто како излегува од Прес салата со црна јакна, истиот не носи маска, со грбот

е свртен према камерата на момент се гледа и брадата на лицето веднаш позади него е и обвинетиот Игор Југ исто така со грбот свртен према камерата и се упатуваат во правец према левиот дел, левиот ходник од овој хол гледано према снимката, во горниот дел од снимката се гледа како стои обвинетиот Игор Југ.

31:50 Исто така во горниот дел се гледа обвинетиот Јане Ченто како се поздравува со некое од лицата влезени во Собранието по што истиот продолжува да се движи, односно се враќа према Прес салата.

32:06 Во горниот лев дел од снимката покрај фотељите се гледа обвинетиот Оливер Поповски како разговара на мобилен телефон, со лицето е свртен према камерата, носи темно сина јакна, до него на една од фотељите седнува возрасно машко лице кое што е дел од луѓето кои што се влезени во Собранието, а тој разговара со лицето со темно сино елече и светло сина маица со кратки ракави кое и претходно беше со него, а во позадина се движат и натаму луѓе кои што се влезени во Собранието и истите влегуваат и излегуваат во Прес салата.

32:47 Се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со лицето свртен према камерата, со црна маица со кратки ракави со бела апликација на предната страна, темни фармерки, истиот се движи према Прес салата, а веднаш позади него беше и обвинетиот Оливер Поповски.

33:29 На снимката се гледа како луѓе излегуваат од Прес салата и притоа ги повикуваат внатре луѓето кои што стојат во овој ходник, а лево покрај фотељите се гледа лице со црна фантомка на себе.

33:52 Во овој момент се гледа како луѓето застануваат пред влезот од Прес салата, истите свртени према Прес салата, а има и движење на луѓе кои излегуват од Прес салата, некои од луѓето повторно гледаат нагоре што се случува.

34:29 Се гледа дека камерата се поместува во десно гледано према снимката при што е намален делот од холот кој што може да го сними камерата, всушност се гледа само мал дел покрај десниот ѕид од овој хол.

34:43 Во горниот десен дел на снимката во ходникот од десната страна гледано према снимката се појавува пратеникот Н. Т., истиот застанува помеѓу луѓето кои што се во овој хол, се собираат помеѓу него, има некакво буткање пред пратеникот, се гледа луѓе како пробуваат да ги оттурнат луѓето кои што се туркаат према пратеникот Н. Т., присуството на луѓе и понатаму се гледа во овој хол.

35:33:34 Се гледа обвинетиот Игор Југ како се приближува према десниот ѕид на овој хол гледано према снимката, покрај него поминуваат луѓе како да носат нешто, а обвинетиот Игор Југ тоа го гледа и продолжува да стои покрај десниот ѕид од ходникот.

36:05 Се гледа како обвинетиот Игор Југ со левата рака го фаќа задниот дел од фармерките по што со левата рака странично се гледа како ги

поткрева фармерките, истиот се поздравува со некое машко лице, а во горниот дел на снимката точно пред излезот од десната страна од овој хол 36:21 се гледа како излегува обвинетиот Вилијам Михајловски со грбот свртен према камерата, со црна маица со кратки ракави и црвена блуза врзана на половината.

36:36 Веднаш покрај почетокот, веднаш пред излезот према десниот ходник од овој хол се гледа и обвинетиот Мунир Пепиќ кој ги гледа луѓето како поминуваат покрај него, се наведнува нешто да земе од подот, по што излегува во десниот ходник гледано према снимката, а во 36:54 обвинетиот Вилијам Михајловски повторно влегува во овој хол од ходникот од каде што претходно излезе.

36:58 Снимката, односно камерата се гледа дека се врти нагоре при што уште повеќе се намалува делот од холот кој што може да се види од оваа снимка, од оваа камера, повторно се гледа само десниот ѕид од холот по што во 37:13 камерата целосно се врти нагоре и снима дел од олук од таванот на овој хол по што на снимката не може да се види ништо во холот. Снимката завршува во 38:33.

На оваа снимка јасно се гледаат повеќе обвинети и тоа Оливер Поповски, Никола Митревски, Горанче Анѓеловски, Вилијам Михајловски, Младен Додевски, Абдуљфета Алими, Влатко Трајковски, Мунир Пепиќ, Игор Југ и Јане Ченто. Иако има во холот пред Прес центарот лица со фантомки обвинетите Оливер Поповски, Абдуљфета Алими и Мунир Пепиќ немо набљудуваат и ништо не првземаат. Има буткање помеѓу лицата со фантомки вклучувајќи ги и обвинетите и дел од лицата од собраниското обезбедување, обвинетиот Оливер Поповски гледа што се случува и стои покрај ѕидот од десната страна на холот притоа не превземајќи ништо. Овој обвинет се гледа како ништо не превзема иако лица со фантомки се приближуваат кон вратите од Прес центарот. Покрај него поминуваат обвинетите Игор Југ кој плеска со рацете и Влатко Трајковски, но тој стои на страна повлечен иако се гледа дека луѓето се буткаат према вратите од Прес центарот, меѓу тие луѓе има лица со фантомки, се повеќе се зголемува бројот на луѓе кои што доаѓаат према вратите од Прес центарот, а истиот само гледа што се случува. Обвинетиот единствено што направи е да во еден момент откако обвинетиот Никола Митревски се приближи блиску до сведокот С. Т. и замавнува со рацете, обвинетиот Оливер Поповски доаѓа до обвинетиот Никола Митревски, благо го оттурнува се врати station наназад и застанува точно пред сведокот С.Т., а покрај него застануваат и други лица од обезбедувањето. Обвинетиот Абдуљфета Алими исто така гледа што се случува пред вратите од Прес центарот каде што се собираат луѓе кои се влезени во Собранието не превземајќи ништо. Лицата со фантомки вклучувајќи ги и обвинетите се повеќе се приближуваат према вратите пред Прес центарот. На оваа снимка јасно се виде дека едно лице паѓа нанапред, тоа е А. Ј., началник на обезбедувањето во Собранието, истиот паѓа пред фотелјите, тука се прави гужва околу него, се туркаат. Се гледа дека лицето А. Ј. некој го

бутка, истиот паѓа на подот покрај фотелјите. Од снимката јасно се гледа како обвинетиот Влатко Трајковски во момент кога покрај него поминува пратеничката Р.Ш. која ја носи друго машко лице ја подбутнува, ја удира со десната рака по што истиот продолжува да се движи према Прес салата. Јасно се виде како обвинетиот Игор Југ со левата рака го фаќа задниот дел од фармерките по што со левата рака странично се гледа како ги поткрева фармерките.

Видео запис од Собраниски Камери: USB 3 New Folder фајл Analog_2_18_57_07_04_27.0

Времето на овој видео запис започнува во 18:57:07 како што е заведено и на самата снимка, а се гледа ходник со фотелји. Времето на снимката е времетраењето на самата снимка така што реалното време би се добило кога на почетното време од снимката би се додало времето во кое што се случува предметното дејствие.

00:40 На влезот од почетокот на ходникот во горниот дел од снимката се гледа лице од собраниско обезбедување кое стои пред две отворени врати за момент покрај него поминува, односно влегува во ходникот и излегува возрасно машко лице,  а во ходникот се гледа движење на новинар од долниот десен дел на снимката према вратата од десната страна на ходникот.

Во 01:35 од отворената врата од десната страна на ходникот се гледа како излегуваат, влегуваат луѓе во овој ходник и седнуваат на фотелјите, а во долниот десен дел на снимката се појавува уште едно лице од собранискoто обезбедување со радио-врска во раката и истиот продолжува надолу по ходникот при што влегува во горната врата.

02:23 Кај отворената врата од десната страна на ходникот се гледа возрасно машко лице во темно сина облека, истиот нешто разговара со луѓето што стојат околу него, гестикулира со рацете по што влегува во просторијата или холот од десната страна на овој ходник гледано према снимката.

03:16 Се гледа обвинетиот Оливер Поповски како се движи по ходникот во правец према десниот долен агол на снимката, истиот разговара на мобилен телефон.

03:34 На снимката се гледа возрасно машко лице со знаме во левата рака, истиот се движи во долниот десен агол на снимката надолу према ходникот, а после него доаѓаат и други луѓе во поголем број кои се движат во истиот правец.

04:13 Дел од луѓето кои што се влезени во Собранието и се движат во овој ходник поминуваат низ отворените врати од десната страна на овој ходник, а дел остануваат да стојат пред отворените врати.

05:50 И понатаму се гледа дека луѓето сеуште стојат пред отворените врати од десната страна на ходникот гледано према снимката.

06:20 Дел од луѓето кои што стојат пред вратите поминуваат низ истите, а се гледа и движење на новинар со камера во левата рака кој се движи во правец према десниот долен агол на снимката.

06:53 Се гледа движење по ходникот на две машки лица од кои едното во бела маица со кратки ракави, носи знаме во рацете и истите се движат од пред отворените врати од десната страна на овој ходник према долниот десен агол на снимката.

07:26 Се гледа обвинетиот Оливер Поповски, десно дијагонално позади него е и лицето со темно сино елече и посветла сина маица со кратки ракави и префрлена торбичка преку рамото кое беше во негова придружба и на снимките пред вратите на Прес салата и истите се движат покрај десниот ѕид од ходникот гледано према снимката, позади нив има луѓе кои што се влезени во Собранието, а се движат према отворените врати од десната страна на ходникот каде исто така стојат луѓе кои што се влезени во Собранието.  Обвинетиот само се разминува со луѓето кои што се влезени во Собранието и заедно со другото лице продолжува да се движи во горната врата од ходникот каде што и влегува.

08:35 Се гледа движење на возрасни машки лица во ходникот од отворените врати од десната страна на ходникот према долниот десен дел на снимката.

09:02 На снимката се гледаат обвинетите Михаел Младеноски и Захарие Симовски, двајцата влегуваат од отворените врати од десната страна на ходникот и се движат надолу према снимката гледано према камерата, доаѓаат до претпоследните фотељи гледано од почетокот на оваа снимка од доле нагоре обвинетиот Михаел Младеноски држи мобилен телефон во десната рака, црната фантомка му е крената до челото, има црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината и црни панталони, а веднаш позади него десно дијагонално гледано према снимката е обвинетиот Захарие Симовски без фантомка на главата, со црна блуза со долги ракави со бела голема хоризонтална линија на предната страна и црни панталони. Позади нив е и уште едно лице со црна фантомка на главата тексас бермуди модра маичка со кратки ракави со бела светла апликација од предната страна истиот се поздравува со обвинетиот Захарие Симовски по што продолжува тоа лице да се движи кон долниот агол на снимката, а обвинетиот Михаел Младеноски во меѓувреме седнува на претпоследната гарнитура, претпоследниот двосед гледано од долу нагоре према снимката со грбот свртен према камерата, по што за кратко станува и заедно со обвинетиот Захарие Симовски се упатуваат во долниот десен агол на снимката.

10:10 На снимката и понатаму се гледа движење на луѓе кои се влезени во Собранието во правец од долниот десен агол на снимката према отворените врати од десната страна на ходникот гледано према снимката каде се гледа дека лицата застануваат пред отворените врати и со лицата се свртени према просторијата од десната страна.

11:17 Се гледа лица како излегуваат, односно поминуваат покрај вратата на десната страна на ходникот гледано према снимката излегуваат во овој ходник.

11:51 Повторно се гледа обвинетиот Михаел Младеноски со подигната фантомка на главата, истиот се движи од долниот десен агол на снимката према отворените врати од десната страна на ходникот гледано према снимката, со грбот е свртен према камерата, но за момент се врти странично со лицето према камерата, носи црна маица со кратки ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, црна маица со кратки ракави, црна блуза врзана на половината, црни панталони и бели патики. Истиот за цело време разговара на мобилен телефон, доаѓа на средина на ходникот по што се враќа према правецот од каде што дојде, односно од долниот десен агол на снимката.

13:20 Се гледа движење на се поголем број луѓе од десниот горен агол на снимката дел од нив продолжуваат да се движат према отворените врати од десната страна на ходникот гледано према снимката, а дел седнуваат на последните двоседи и фотеља од долу нагоре гледано према снимката. Луѓето кои што се движат во ходникот се гледа дека се луѓето кои што се влезени во Собранието.

14:25 Од десниот долен агол на снимката се појавува лицето со црна фантомка, тексас бермуди, модра маица со кратки ракави, а кое претходно беше во придружба на обвинетите Захарие Симовски и Михаел Младеноски.

14:55 Се гледа движење на камермани по ходникот од десниот долен агол на снимката нагоре према горната врата на крајот од овој ходник гледано према снимката.

15:28 Лицето со црна фантомка, модра маица, тексас бермуди, се враќа од истиот правец од каде што претходно дојде, односно према долниот десен агол на снимката.

15:50 Во горниот дел од снимката од горната врата гледано према снимката се гледа како влегуваат во ходникот полициски службеници со, еден полициски службеник со шлем и панцир на себе и истиот поминува покрај луѓето кои што се седнати во ходникот, а кои се движат покрај него и се движи во правец према долниот десен дел на снимката.

16:28 На снимката се гледа обвинетиот Крсто Мукоски истиот излегува, односно влегува во овој ходник од десната страна, од отворените врати од десната страна на ходникот гледано према снимката, а се движи према долниот десен агол на оваа снимка.

16:35 Се гледа обвинетиот Крсто Мукоски во најдолниот десен агол на снимката, истиот се поздравува со едно од лицата кои стојат покрај последната гарнитура во овој ходник, кон него се гледа на снимката дека приоѓа и друго лице по што се губи од снимката.

16:48 На снимката се гледа обвинетиот Влатко Трајковски со леватата, со десната рака покажува нешто нанапред, носи црна блуза со долги ракави, маскирно елече и црни панталони, истиот се движи во правец према долниот десен агол на снимката.

18:05 На снимката и понатаму се гледа движење на луѓето кои  што се влезени во Собранието, помеѓу нив се гледа дека има присуство на новинари, камермани, истите се движат од долниот десен агол на снимката до отворените врати од десната страна на ходникот гледано према снимката и обратно и понатаму се гледа како луѓе стојат пред отворените врати со лицата свртени према просторијата од десната страна.

20:38 Од горната врата во ходникот гледано према снимката се гледа како одеднаш влегуваат поголем број на луѓе и дел од нив се упатуваат надолу према десниот долен агол на снимката, а друг дел останува да стои пред отворените врати од десната страна на ходникот гледано према снимката, при што се гледа дека некои од лицата што стојат ги држат рацете горе високо, најверојтно снимаат, се гледа движење на камермани по ходникот према долниот десен агол на снимката. Луѓето кои што се влезени во Собранието се уште седат по гарнитурите во овој ходник, поголем дел од нив.

22:42 Одеднаш се гледа како луѓето стануваат, се собираат пред отворените врати од десната страна на ходникот, дел се упатуваат према горната врата на овој ходник гледано према снимката, се гледа 23:10 се гледа лице во црн костум со грбот свртен према камерата како се движи во ходникот од долниот десен агол на снимката према горниот дел на снимката, истиот нешто им покажува на некои од луѓето кои се влезени во Собранието и се движат позади него и покрај него по што тој поминува низ отворената врата во горниот дел на снимката.

24:50 Се собира поголем број на луѓе пред отворените врати од десната страна на ходникот, сите се свртени со лицата према просторијата од десно од овој ходник гледано према снимката.

25:29 На снимката се гледаат две возрасни машки лица во темни костуми, бели кошули, истите излегуваат од десната просторија, од десната страна на ходникот и се движат надолу према снимката при што едно од лицата од нив се поздравува со некои од луѓето кои што се влезени во Собранието и стојат во овој ходник по што лицата се враќаат назад према отворените врати од десната страна на ходникот.

25:49 На снимката се гледа пратеникот Н. Т., истиот се движи према долниот десен агол на снимката со лицето свртен према камерата.

26:25 Во долниот десен дел на снимката се гледаат две машки лица од кои едниот со знаме во рацете како се сликаат покрај десниот ѕид на ходникот гледано према снимката.

27:15 Едно од двете лица во црн костим и бела кошула кое предмалку се виде на снимката доаѓа до лицата кои што се сликаа претходно и се слика заедно со нив покрај десниот ѕид на ходникот гледано према снимката.

28:36 И понатаму се гледа како дел од луѓето стојат свртени према отворените врати од десната страна на ходникот гледано према снимката, а воедно и понатаму има движење на луѓе од отворените врати од десната страна на ходникот према долниот десен агол на снимката и обратно, помеѓу луѓето кои што се влезени во Собранието се гледа присуство и на новинари и камермани со камери и фотоапарати на себе.

30:12 Во горниот дел на снимката каде што исто така има отворена врата се гледа присуство на поголем број на луѓе.

31:25 Се гледа како луѓе излегуваат од просторијата од десната страна на ходникот и се движат десно, поминуваат низ вратите, низ отворените врати во горниот дел на снимката. И понатаму има поголем број на луѓе кои се движат по овој ходник.

33:35 И понатаму продолжува движењето на луѓето од долниот десен агол на снимката према отворените врати од истата страна на ходникот гледано према снимката, но и обратно, а дел од луѓето влегуваат, односно поминуваат низ отворените врати во горниот дел на снимката, се гледа лице во горниот дел на снимката кое што носи знаме во рацете.

34:37 Во долниот десен дел на снимката се гледа обвинетиот Владо Јовановски со грбот свртен према камерата, истиот се поздравува со некое лице кое што е влезено во Собранието и продолжува да се движи покрај десниот ѕид на ходникот према отворените врати од десната страна на ходникот гледано према снимката, вратите ги поминува и се упатува, и поминува низ отворените врати во горниот дел на снимката.

35:34 Се гледа обвинетиот Игор Дурловски со лицето свртен према камерата, со бела маица со кратки ракави црна апликација, врзана блуза на половината, темни фармерки, истиот поминува непосредно покрај двоседите кои што стојат во ходникот, за момент застанува покрај луѓето кои што стојат во ходникот, се гледа дека се слика со нив со мобилен телефон, а потоа продолжува да се движи према долниот десен дел на снимката. Се гледа како обвинетиот разговара и со други лица кои поминуваат покрај него по што истиот застанува покрај последниот двосед гледано од долу нагоре према снимката, во левата рака држи мобилен телефон, пред него стојат неколку луѓе од оние кои што се влезени во Собранието, разговара со некого. Лицето кое што доаѓа и разговара со него веднаш, непосредно покрај ѕидот од десната страна на ходникот е обвинетиот Богдан Илиевски кој за момент накратко се гледа со лицето свртен према камерата, се гледа дека разговараат по што двајцата заминуваат во долниот десен дел на снимката.

40:00 Дел од луѓето кои што се влезени во Собранието и понатаму седат по гарнитурите во ходникот, дел од луѓето се движат во долниот десен

агол на снимката и влегуваат низ отворените врати од десната страна на ходникот гледано према снимката, а дел од нив продолжуваат према отворените врати во горниот дел на снимката.

42:37 Во ходникот се гледа присуство на камермани кои застануваат покрај левиот ѕид од ходникот гледано према снимката, раздвиженост на луѓето кои што се влезени во Собранието во правец од долниот дел на снимката према горниот и обратно.

43:25 Се гледа движење на лице од обезбедувањето во Собранието облечен во црн костим и бела кошула со телефонот во рацете истиот се движи према долниот дел на снимката.

46:00 Во горниот дел на снимката од отворените врати во горниот дел поминува и доаѓа до некаде непосредно спротивно од отворените врати на долниот дел во ходникот обвинетиот Захарие Симовски со црна блуза со долги ракави со голема бела хоризонтална линија на предната страна и фантомката крената на чело, истиот се придвижува до долниот десен агол на снимката, а позади него се движи уште едно машко лице без фантомка на главата.

46:20 Во долниот десен дел на снимката се појавува обвинетиот Иван Цветановски во сив костим, застанува за момент покрај десниот ѕид од ходникот, до него и женско лице со црвени панталони и бело сако, се врти према женското лице, обвинетиот ја повикува со раката и се враќаат од правецот од каде дојдоа, односно према долниот десен дел на камерата.

48:59 Во горниот дел на снимката се забележува поголемо присуство на луѓе, а во 49:08 во долниот дел на снимката се гледа како се движи едно машко лице со лицето свртено према камерата и со десната рака држи нешто на лицето, а покрај него се движи повисоко машко лице со темно сина маица со кратки ракави и се гледа дека истиот го придржува лицето кое што држи бела хартија на лицето, се упатуваат во правец на долниот десен дел на снимката.

49:48 Покрај десниот ѕид од ходникот со лице свртено према камерата се гледа обвинетиот Влатко Трајковски со црна блуза со долги ракави, црни панталони и зелено маскирно елече и истиот се движи према долниот десен дел на снимката.

50:19 Покрај десниот ѕид од ходникот гледано према снимката се движи лице со црна фантомка на главата, црна јакна со долги ракави, црни панталони и блуза со бело црни хоризонтални линии.

51:20 Се гледа движење на поголем број на луѓе према долниот десен дел на снимката.

52:20 Се гледаат некои од луѓето кои што се влезени во Собранието како се поздравуваат со лице во црн костим и бела кошула кое што излегува од просторијата од десната страна на ходникот и се движи према долниот дел од снимката. И понатаму има поголем број на луѓе кои што се седнати

по гарнитурите во овој ходник, а воедно и движењето на луѓето во правец на долниот дел на снимката према горниот и обратно и понатаму продолжува.

54:03 Се гледа присуство на новинари во ходникот и се движат покрај десниот ѕид на ходникот гледано према снимката.

Снимката е во траење од 55 минути 52 секунди.

На оваа снимка се гледаат дел од обвинетите меѓу кои Оливер Поповски и Влатко Трајковски, но јасно се виде дека има присуство и на навинари и камермани. Вратата од десна страна каде што влегуваат и излегуваат луѓето е всушност врата од сала „М.“ каде што се одржуваат пленарните седници на Собранието, а од холот кај фотелјите преку скали може да се стигне до Прес салата, односно сала 3. До Прес салата се стигнува од горниот лев агол каде има вртени скали кои што директно излегуваат во Прес салата, а може и по ходникот лево, па лево по уште едни скали се излегува, што значи на два начини се качува во Прес салата. Постојат вртени скали од каде што десно се оди на галерија. Согласно ова влезот за Прес салата 3 е всушност во горниот дел од снимката веднаш до вратата, лево од левата врата гледано во правец на снимката. На оваа снимка јасно се гледа и обвинетиот Игор Дурловски кој се движи во ходникот покрај двоседите кои што се наоѓаат во тој ходник, за момент застанува покрај луѓето кои што стојат во ходникот, се гледа дека се слика со нив со мобилен телефон, а потоа продолжува да се движи према долниот десен дел на снимката.

УСБ 6 New Folder 2 Analog_13_18_00_00_04_27.2

Снимката почнува со време од 18:00 како што е и наведено на самата снимка, на истата е забележано времетраењето на снимката па реалното време би се добило кога на времето на почетокот на снимката би се додале минутите на конкретното дејствие. Инаку на снимката се гледа влезот „Винар“, ова е влезот од кај улицата „Даме Груев“.Во моментот на снимката нема присуство на ниту едно лице.

01:01 Се гледа како се спушта лифтот на овој спрат, вратата се отвора, но никој не излегува од истиот.

01:28 Се гледаат лица од обезбедувањето од Собранието како поминуваат покрај горниот ѕид од ходникот гледано према снимката позади црниот столб и влегуваат во отворената горна врата гледано према снимката.

02:32 Се гледа лице од обезбедувањето во Собранието, истиот влегува во една просторија од левата страна на овој ходник гледано према снимката по што за кратко излегува и повторно се враќа во истата и се гледа дека држи мобилен телефон во раката. Лицето од обезбедувањето излегува надвор од просторијата, забележува друго машко лице, нешто

му објаснува и заедно со него се упатува од десната страна позади црниот столб гледано према снимката.

05:04 Се гледаат две машки лица како се појавуваат од ходникот позади десниот црн столб, доаѓаат према долниот дел на снимката по што повторно се враќаат непосредно пред црниот столб, лицето што е во темно сина облека постојано нешто му покажува со рацете на другото машко лице кое што е со него по што повторно се враќаат према правецот од каде што дојдоа десно позади црниот столб.

06:15 Повторно се гледа лице од собраниското обезбедување, истиот доаѓа од ходникот од позади црниот столб, доаѓа до просторијата од левата страна на овој ходник, до вратите од левата страна на овој ходник по што заминува према горната врата гледано према снимката.

07:56 Повторно се гледа лицето од обезбедувањето кое влезе низ вратите во горниот дел на снимката, се врати во истиот правец и заминува во ходникот десно позади црниот столб, позади него има уште едно машко лице.

08:54 Се гледаат и други лица од собраниското обезбедување како поминуваат покрај ходникот позади црниот столб и излегуваат низ вратите од горниот ходник.

09:17 Се гледа машко лице со бела маица со кратки ракави како држи мобилен телефон во десната рака, на задната страна од маицата има бр. 9, истиот за цело време додека се движи во овој ходник снима со мобилен телефон во десната рака.

09:58 Се гледа камерман на средината од овој ходник со камера во левата рака, кон него доаѓа за кратко уште еден камерман исто така со камера во раката по што заминуваат позади црниот столб десно према ходникот.

11:46 Се гледа движење на женско лице со кремаста јакна и црн ранец на грбот, истата доаѓа од ходникот десно позади црниот столб и се качува по скалите нагоре веднаш покрај лифтот.

12:49 Се гледа женско лице со ташна во десната рака како доаѓа од горната врата гледано према снимката, разговара на мобилен телефон, стои непосредно до црниот столб по што продолжува во правец десно позади црниот столб.

14:35 Се гледа симнување на повеќе машки лица од скалите веднаш покрај лифтот, прво едно од лицата имаше врзано знаме на себе, за кратко доаѓаат во долниот десен дел на снимката, дел од нив се враќаат нагоре по скалите по кои што се симнаа, а дел заминуваат десно позади црниот столб во ходникот.

15:30 Повторно се гледаат поголем број на луѓе како се симнуваат по скалите веднаш покрај лифтот, поголем дел од нив продолжуваат надолу према снимката, дел по страничниот дел.

16:27 Се гледаат камермани како со трчање се симнуваат по скалите надолу покрај лифтот и влегуваат во горниот ходник гледано право према снимката.

17:34 Се појавуваат уште две машки лица и се движат во правец позади црниот столб десно по ходникот, а од тој правец доаѓаат три лица за кои што се гледа дека лицето кое што во средина го носат  е повредено по што заминуваат во горниот ходник гледано према снимката.

Се гледа машко лице во 18:42 како се симнува по скалите веднаш покрај лифтот, го разгледува ходникот по што го зима мобилниот телефон и повторно се качува по скалите по кои претходно се симна.

19:39 Се гледаат две машки лица кои поминуваат покрај ходникот позади црниот столб, од кои едното се гледа како се наведнува нанапред и истите заминуваат во горниот ходник гледано према снимката.

Се гледа движење на луѓе во 21:12 од ходникот десно позади црниот столб, истите доаѓаат до средина на ходникот по што повторно се враќаат према истиот поравец од каде што дојдоа, а од ходникот десно позади црниот столб во долниот десен дел на снимката се гледа доаѓање на повеќе новинари истите поминуваат низ врата која што се гледа на стаклото од лифтот.

22:32 Се гледа движење на луѓе од ходникот десно позади црниот хол при што еден од тие се качува нагоре по скалите покрај лифтот, а во истиот момент со забрзано движење по тие скали се симнуваат неколку новинари и застануваат покрај левиот дел, односно левата врата гледано према снимката на овој ходник.

23:00 Се гледа чад, бел чад од скалите веднаш покрај лифтот по што новинарите бегаат према горниот дел од снимката, по што се гледа обвинетиот Влатко Трајковски како се симнува со противпожарен апарат во рацете и прска со истиот, а луѓето што стојат долу во ходникот пред лифтот бегаат меѓу кои има и новинари, истиот се гледа дека оди по едно лице во долниот десен дел на снимката, за кратко се наведнува, го остава противпожарниот апарат, а 23:14 лево од црниот столб стои обвинетиот Љубен Арнаудов со лицето свртен према обвинетиот Влатко Трајковски односно гледа што се случува. Откако обвинетиот Влатко Трајковски го остава противпожарниот апарат се враќа повторно во долниот десен дел од снимката, од каде што излегува пратеникот С.К. облечен во црн костим, обвинетиот Трајковски се движи позади него, непосредно пред скалите веднаш до лифтот пратеникот застанува, а обвинетиот Влатко Трајковски е свртен со лицето према него, нешто му зборува, со рацете прави некакви движења по што се гледа дека го удира со двете раце во горниот дел од телото, а за сето време обвинетиот Љубен Арнаудов стои во горниот дел на снимката и гледа што се случува. Се гледа дека обвинетиот Влатко Трајковски после првите удари задава уште неколку, доаѓа едно лице кое го оттргнува обвинетиот Трајковски, а пратеникот С. К. се гледа како паѓа

непосредно пред лифтот, му приоѓаат неколку луѓе му помагаат да го кренат по што го носат во долниот десен дел на снимката.

25:04 Се гледа присуство на новинари во ходникот кои заминуваат во долниот десен дел на снимката.

25:53 Се гледа машко лице во кремаста кошула, со мобилен телефон во десната рака, истиот доаѓа од горниот дел на снимката до средината на ходникот по што се враќа назад, а во истиот момент во тој ходник поминуваат повеќе луѓе меѓу кои има и лица од собраниското обезбедување. Новинарите во 26:18 повторно се враќаат во овој ходник, застануваат пред црниот столб па за кратко заминуваат десно по ходникот позади црниот столб, се гледа машко лице како снима или слика со мобилен телефон во рацете свртен со лицето према ходникот позади црниот столб десно. Лице од собраниското обезбедување се движи по ходникот. Во ходникот се гледа и присуство на луѓе кои се влезени во Собранието по што лицето од собраниското обезбедување им покажува правец на движење нагоре.

Во 27:40 Во горниот дел на снимката од ходникот десно позади црниот столб доаѓа обвинетиот Љубен Арнаудов, застанува свртен со лицето према лицето од обезбедувањето, нешто разговараат, покрај него поминуваат луѓе кои што се влезени во Собранието, обвинетиот и натаму стои во горниот дел на снимката, се врти со погледот према горниот ходник каде што се гледа присуство на повеќе луѓе стои непосредно до левата врата гледано према снимката, луѓето кои што се влезени во Собранието се движат и понатаму во овој ходник.

29:30 Обвинетиот Љубен Арнаудов доаѓа према средината на ходникот, застанува покрај левата страна од истиот, разговара со неколку лица меѓу кои и жени, нешто им покажува и ги носи према долниот десен дел на снимката.

31:41 На снимката се гледа машко лице со црна фантомка на главата, тексас бермуди и модра маица со кратки ракави, истиот се движи од ходникот десно позади црниот столб и излегува во горниот ходник гледано према снимката, се гледа дека разговара на мобилен телефон држејќи го со десната рака, па откако престанува повторно се враќа према ходникот десно позади црниот столб и во 32:07 кон него приоѓа обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црни панталони, црна блуза со долги ракави со голема бела хоризонтална линија на предната страна и уште едно машко НН лице, сите тројца доаѓаат до вратите пред горниот ходник гледано према снимката, по што се упатуваат тројцата заедно према долниот десен дел на снимката, застануваат покрај вратите од левата страна на овој ходник, па за кратко обвинетиот Захарие Симовски заедно со другото лице без маска продолжуваат по горниот ходник гледано према снимката од каде што покрај нив поминува лице од собраниското обезбедување кое зборува на телефон додека се разминува со нив, а другото лице со црна фантомка и тексас бермуди зборувајќи на

мобилен телефон стои од десната страна на лифтот гледано према снимката, разговорот на ова лице се уште трае по што тој со телефонот разговарајќи се упатува према горниот ходник, гледано према снимката, па откако завршува со разговорот се враќа по ходникот десно позади црниот столб.

34:25 Се гледа присуство на новинари во ходникот кои поминуваат на левата врата гледано према снимката.

35:20 Се гледа обвинетиот Захарие Симовски заедно со уште другото машко лице кое и претходно беше со него, истиот ја има кренато фантомката на челото, а носи црна блуза со долги ракави со голема бела хоризонтална линија на предната страна и црни панталони, доаѓаат двајцата од горниот ходник гледано према снимката и заминуваат десно позади црниот столб во ходникот, исто така гледано према снимката.

35:51 Се гледа обвинетиот Љубен Арнаудов како доаѓа од горниот ходник гледано према снимката и заминува десно позади црниот столб во ходникот гледано према снимката.

36:20 Се гледа лице со фантомка на лицето и капуљача на главата и црвено знаме на грбот како застанува на средината од овој ходник, по што за кратко заминува во долниот десен дел на снимката, а потоа се упатува позади црниот столб десно во ходникот гледано према снимката.

37:03 Од ходникот десно позади црниот столб на снимката се гледа како доаѓаат повеќе луѓе во првиот момент се гледа дека нешто носат, но не се гледа што.

37:10 Обвинетиот Љубен Арнаудов се гледа на снимката во горниот десен дел помеѓу црниот столб и лифтот позади скалите доаѓа од ходникот десно позади црниот столб, истиот се движи позади лицата кои што го носат пратеникот З. С., застанува со лицето свртен према нив во моментот кога тие лица го спуштаат на подот пратеникот З. С., гледа што се случува, стои понатаму, застанува позади црниот столб, го гледа ударот по што се гледа дека заминува по ходникот десно позади црниот столб. Пратеникот З. С. и натаму лежи на подот, две лица се обидуваат да го кренат па откако го креваат тој повторно паѓа на подот, околу него се собираат повеќе машки лица во 38:04 во горниот дел на снимката позади црниот столб покрај ѕидот повторно се гледа обвинетиот Љубен Арнаудов, повторно гледа што се случува према пратеникот З. С. по што се враќа по ходникот десно позади црниот столб заедно со други лица, а пратеникот З. С. неколку лица го носат во долниот десен дел на снимката.

37:12 Се гледа дека го носат пратеникот З. С., го спуштаат на ходникот, во ходникот долу на подот непосредно пред левата врата гледано према снимката, па откако го спуштаат лицето кое што прво стои со брада на лицето и темно сива маица со кратки ракави го удира со нога по главата иако се гледа дека веќе е крваво лицето на пратеникот З. С. по што лицето кое што стои десно од него исто така го носеше пратеникот, го оттурнува.

38:40 И натаму се гледа движење на луѓе по овој ходник во правец десно позади црниот столб гледано према снимката и обратно, а во моментот 38:46 во средина на ходникот се гледа обвинетиот Влатко Трајковски кој се движи према долниот десен дел на снимката ги гледа луѓето кои што излегуваат од овој дел по што заминува надолу.

39:04 Се гледа обвинетиот Јане Ченто без маска на лицето, има брада, црна брада, со темна јакна црна, десно од него, од негова страна стои машко лице со црвена маица и црна блуза, а пред него има женско пониско лице со кратка коса, истите со погледот се свртени према вратите од левата страна на овој ходник гледано према снимката, а позади него во истиот момент поминува обвинетиот Влатко Трајковски, по што обвинетиот Јане Ченто заминува во долниот десен дел на снимката.

39:35 Во горниот дел од ходникот  гледано према снимката и понатаму се гледа присуство на повеќе луѓе, а дел од луѓето се качуваат и симнуваат по скалите веднаш десно покрај ходникот.

39:56 Се гледа како со забрзано движење доаѓа од ходникот десно позади црниот столб доаѓа до средината на овој ходник, застанувајќи покрај левата врата гледано према снимката, машко лице во црн костим, а покрај него има уште две други машки лица, во моментот кога лицето со костимот застанува непосредно пред вратите од левата страна на ходникот се гледа дека станува збор за пратеникот Н. Т., после едно лице го бутка наназад, друго лице машко му приоаѓа, односно му приоѓаат уште неколку машки лица према него, му даваат шише со вода по што пратеникот со другите машки лица заминува низ вратата која што се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката. Покрај скалите кои што се покрај лифтот се симнуваат лица од собраниското обезбедување, покрај нив се движат луѓе кои што се влезени во Собранието.

41:23 На снимката се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски како се симнува по скалите веднаш покрај лифтот, а позади него е и обвинетиот Абдуљфета Алими, обвинетиот Горан Ѓошевски доаѓа во долниот десен дел на снимката, по него доаѓа и обвинетиот Абдуљфета Алими, а покрај нив и до нив стојат луѓе кои што се влезени во Собранието, но тие само се разминуваат со нив, а во 41:55, се гледа обвинетиот Горан Ѓошевски со мобилниот телефон во рацете како излегува од долниот десен дел на снимката, продолжува напред према лифтот, нешто разговара со лицата кои што се пред него, си поминува покрај нив, се поздравува со едно лице машко кое што стои покрај црниот столб по што обвинетиот Горан Ѓошевски се качува по скалите по кои претходно се симна, а веднаш позади него и обвинетиот Абдуљфета Алими.

43:20 Во моментот на снимката не се гледа присуство на ниту едно лице по што за кратко од ходникот десно позади црниот столб, гледано према снимката доаѓаат две машки лица, се упатуваат према долниот десен дел на снимката од каде излегува друго машко лице со темно сина маица со кратки ракави и ги враќа назад од правецот од каде што дојдоа, од долниот

десен дел на снимката излегува уште едно лице од собраниското обезбедување и покажува правец на движење на луѓето десно позади црниот столб гледано према снимката, лицето од обезбедувањето има радио врска во левата рака и натаму стои во долниот десен дел од снимката по што заминува.

46:19 И натаму се гледа движење на луѓе од ходникот десно позади црниот столб гледано према снимката, истите доаѓаат до вратите од левата страна на овој ходник гледано према снимката по што дел поминуваат низ нив, а дел повторно се враќаат во правецот од каде што првично доаѓаат, односно ходникот десно позади црниот столб гледано према снимката.

49:40 Постојано се гледа движење на луѓе од долниот десен агол на снимката према вратите од левата страна на овој ходник гледано према снимката и обратно при што често се појавува лицето со сина маица со кратки ракави кое им покажува правец на движење и ги упатува другите луѓе на каде да се движат.

52:00 Се гледа движење на луѓе од вратата десно од овој ходник која што се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката и истите се качуваат по скалите веднаш покрај лифтот.

Во 52:30 Се гледа женско лице со бели ракавици и црна торба во рацете како излегува од долниот десен дел на снимката и поминува низ вратите од левата страна на ходникот гледано према снимката.

52:37 Обвинетиот Абдуљфета Алими се симнува по скалите веднаш покрај лифтот, а пред него е и женско лице во црн костим со црна долга виткана коса и истите се движат во правец према долниот десен дел на снимката. Женското лице со бели ракавици на рацете и црна торба повторно се појавува во ходникот и заминува во горниот дел на ходникот гледано према снимката, движење на луѓе од долниот десен дел на снимката до средината на ходникот и назад и понатаму има дел од тие луѓе кои се лица од собраниското обезбедување, а дел се лица кои што се влезени во Собранието.

54:26 Низ вратата од левата страна на овој ходник гледано према снимката влегува полициски службеник со сино капче на главата и се упатува во долниот десен дел према снимката по што истиот за кратко излегува од таму и повторно се враќа од правец од каде што претходно дојде, а женското лице кое што се симна по скалите заедно со обвинетиот Абдуљфета Алими во црн костим и црна долга виткана коса стои непосредно пред вратите од левата страна на ходникот, покрај неа поминуваат луѓе кои што се влезени во Собранието, нешто им кажува, разговара со нив по што и таа заминува во долниот десен дел на снимката, а во 56:38 повторно се враќа пред вратите од левата стграна на овој ходник гледано према снимката, па потоа се упатува со трчање према горниот дел на снимката.

57:10 Повторно се гледа женското лице со бели ракавици на рацете и црна торба во рацете излегува од долниот десен дел на снимката и се упатува према горниот ходник гледано према снимката, во долниот дел на снимката се гледаат три машки лица од кои едно е лице од обезбедувањето, истите стојат пред вратите од левата страна на ходникот, едниот од нив пуши цигара по што излегуваат низ таа врата.

1:00:23 Лицето од обезбедувањето, женското лице со црн костим и црна долга виткана коса се враќа од горниот ходник гледано према снимката и доаѓа до вратите од левата страна на овој ходник гледано према снимката.

Снимката е со времетраење од 01 час 00 минути и 57 секунди.

На оваа снимка се гледа ходникот десно позади црниот столб, а тоа е ходник кој води према Прес центарот, поточно се работи за еден спрат подолу, односно на приземјето. Тука се виде присуството на обвинетите Влатко Трајковски, Горан Ѓошевски, Јане Ченто како и Абдулфета Алими, но и на новинари и камермани. Судот посебно од оваа снимка ќе го нагаси делот од снимката каде јасно се виде обвинетиот Влатко Трајковски како се симнува со противпожарен апарат во рацете и прска со истиот, а луѓето што стојат долу во ходникот пред лифтот бегаат меѓу кои има и новинари. Во еден момент обвинетиот Влатко Трајковски го остава противпожарниот апарат се враќа повторно во долниот десен дел од снимката, од каде што излегува пратеникот С. К. облечен во црн костим, обвинетиот Трајковски се движи позади него, непосредно пред скалите веднаш до лифтот пратеникот застанува, а обвинетиот Влатко Трајковски е свртен со лицето према него, нешто му зборува, со рацете прави некакви движења по што се гледа дека го удира со двете раце во горниот дел од телото, а после првите удари задава уште неколку, после што доаѓа едно лице кое го оттргнува обвинетиот Трајковски, а пратеникот С. К. се гледа како паѓа непосредно пред лифтот, му приоѓаат неколку луѓе му помагаат да го кренат по што го носат во долниот десен дел на снимката. Воедно во еден дел од снимката јасно се гледа повредениот пратеник З. С. кого го носат дел од насилната толпа, го спуштаат долу на подот непосредно пред левата врата гледано према снимката, па откако го спуштаат лицето кое што прво стои со брада на лицето и темно сива маица со кратки ракави го удира со нога по главата иако се гледа дека веќе е крваво лицето на пратеникот З. С.. Откако две лица го креваат З. С. тој повторно паѓа на подот. На оваа снимка се гледа насилството на насилната толпа, нивното нечовечко однесување, а за тоа време никој ништо не презема за да се спречи насилството, при што тука судот мора да нагласи дека на оваа снимка беа присутни и полициските службеници-обвинетите Горан Ѓошевски и Абдулфета Алими кои се само неми набљудувачи.

УСБ 6 New Folder 2 Analog_13_19_52_49_04_27.1.

Реалното време на оваа снимка се добива кога од претходната снимка 27.00 која е во траење од 15 минути и 11 секунди се додава на почетното време од првичната таа снимка од 27.00 и се додава почетокот на оваа

снимка, а тоа е 20 часот 08. На снимката се гледа влез и излез „Винер“, а на самата снимка се покажува времетраењето на снимката.

Во ходникот во 00:13 се гледа движење на луѓе кои што се влезени во Собранието, лица од собраниско обезбедување, како и на доктори кои се качуваат по скалите нагоре веднаш покрај лифтот.

02:35 По скалите веднаш покрај лифтот се симнува група на граѓани, истите се поздравуваат со машко лице со темно сина маица со кратки ракави кое стои во средината на овој ходник од почетокот на снимката, а до него во моментот има и лице од собраниското обезбедување.

03:39 Од вратата која што се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката доаѓа лицето со прљаво бела кошула со кратки ракави кое што беше постојано присутно на снимките кои го снимаа ходникот со шест фотељи.

04:45 И понатаму по скалите се симнуваат луѓе кои што се влезени во Собранието, едно од тие се симнува по скалите и застанува веднаш до лицето од обезбедувањето, а во рацете држи знаме, разговара нешто накратко со лицето од обезбедувањето по што заминува десно позади црниот столб гледано према снимката.

05:45 Од вратата која што се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката влегуваат поголем број на машки лица во цивилна облека, а кои се обезбедување, истите заминуваат десно по ходникот позади црниот столб гледано према снимката.

09:12 Се гледа движење на две лица од ходникот десно позади црниот столб, истите доаѓаат до средина на овој ходник каде и понатаму стои машкото лице со темно сина маица со кратки ракави, истиот им покажува правец на движење по што заминуваат, а од скалите покрај лифтот се симнува лице од обезбедувањето, се гледа машко лице кое што носи два пакети вода во 10:15 истиот се движи во долниот десен дел на снимката према ходникот кој се наоѓа десно позади црниот столб гледано према снимката, а после него се упатува уште едно машко лице исто така со два пакети вода движејќи се по истиот правец.

12:15 Од вратата која што се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката влегуваат поголем број на полициски службеници со панцири и шлемови на себе и истите се качуваат нагоре по скалите веднаш покрај лифтот, позади нив е и лице во цивилна облека со светло сина горна тренерка и темно сина долна тренерка кое што и на претходните снимки се гледаше како носи радио врска и дава команди на полициските службеници во униформа, а тоа е сведокот В. Н., помошник командант на Единицата за брзо распоредување.

15:10 Лицето од собраниското обезбедување кој од почетокот на оваа снимка е присутно во овој ходник разговара со две машки лица кои се гледа дека се влезени во Собранието, а не се дел од вработените по

што им приоѓа друго лице и тоа лице заедно со лицето од обезбедувањето заминуваат во долниот десен дел на снимката, но за кратко лицето од обезбедувањето повторно доаѓа до вратите од левата страна на ходникот гледано према снимката, лицето од обезбедувањето заедно со уште две други машки лица кои постојано се пред него продолжуваат да разговараат, пушат цигари.

19:03 По скалите десно покрај лифтот се симнуваат двајца полициски службеници со темно сини капчиња на нив, а од вратата во 19:19 од вратата која што се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката влегуваат неколку полициски службеници во темно сини униформи со шлемови и панцири и се качуваат по скалите покрај лифтот.

25:10 Се гледа влегување на полициски службеници од вратата која се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката, сите се во зелено маскирни униформи со шлемови и панцири на себе, дел од нив носат штитови и се качуваат по скалите десно покрај лифтот од каде во истото време кога тие влегоа се симна друг полициски службеник кој ги пречека и им покажа правец на движење нагоре по скалите.

26:10 Повторно има влегување на неколку полициски службеници од вратата која се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката и тие се качуваат по скалите десно покрај лифтот во сина униформа со шлемови и панцири на себе.

27:00 Се гледаат две лица од собранискотo обезбедување како се приближуваат на почетокот од скалите свртени со погледот нагоре од каде се симнува полициски службеник во темно сина униформа со шлем на главата и носи едно машко лице со знаме врзано на половината, а позади него се симнуваат и други полициски службеници кои исто така носат машки лица надолу по скалите.

27:19 Бројот на луѓето кои што полициските службеници ги симнуваат надоле се зголемува, а во моментот се гледа како едно лице паѓа надолу по скалите додека полицискиот службеник го држи за раката и го тера да се симне по скалите надоле по што пробува да го крене, а во 27:23 покрај црниот столб се гледа влечење помеѓу еден полициски службеник и машко лице, на истиот полицискиот службеник му ги става рацете позади, пробува да го смири по што со ногата удира по нозете и го спушта на подот, потоа пробува да го крене, но лицето пробува да се оттргне од тој полициски службеник.

28:11 По скалите се симнуваат други полициски службеници, го креваат лицето кое што беше спуштено на подот и истите држат и една жена, а на средина од ходникот и натаму седи на земја првото машко лице кое што падна по скалите заедно со полицискиот службеник, па откако лицето од собраниско обезбедување му помогна стана, на машкото лице му носат вода да се напие по што полициските службеници заедно со уште неколку лица продолжуваат да се движат десно позади црниот столб по ходникот

гледано према снимката, а во ходникот и натаму има присуство на две лица од собраниското обезбедување.

29:40 По скалите се гледа дека поголема група на граѓани носат лице во рацете, го држат за раце, станува збор за луѓе кои што се влезени во Собранието, лицето кое што го носат во моментот не може да се види.

29:54 Во средина на снимката дијагонално од лифтот се гледа и обвинетиот Вилијам Михајловски кој што е странично према камерата со црна маица со кратки ракави, темни фармерки и црвена блуза врзана на половината, истиот се движи позади луѓето кои што се гледаше дека носат некого, а луѓето се упатуваат према вратата која што се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката. Луѓето кои што се симнуваа по скалите сите се упатија према вратата која што се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката, а во долниот дел на снимката и натаму лицето од обезбедувањето и машкото лице со темно сина маица со кратки ракави и очила на себе, а до него стои уште едно машко лице во црн костим и бела кошула. Трите лица кои што стојат во долниот десен дел на снимката им покажуваат правец на движење према вратата која се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката.

32:13 По скалите десно покрај лифтот се симнува полициски службеник во светло зелена маскирна униформа со шлем и панцир на себе, истата доаѓа до средина на ходникот, разговара со лицата кои што стојат во долниот десен дел на снимката меѓу кои има и лица од обезбедувањето во Собранието.

33:24 Додека се уште трае разговорот на овој полициски службеник со лицата од собраниското обезбедување на средина од ходникот се појавува и обвинетиот Оливер Поповски кој доаѓа од ходникот десно позади црниот столб гледано према снимката, истиот стои, гледа што се случува, вади нешто од десниот џеб и во 34:01 се упатува десно позади црниот столб гледано према снимката, а во 34:12 во долниот десен дел на снимката се појавуваат неколку луѓе кои што продолжуваат надолу према долниот ходник гледано према снимката, каде во моментот 34:32 стои обвинетиот Оливер Поповски, ја отвара вратата од горниот ходник и продолжува да се движи надолу по истиот. Во ходникот  и натаму има присуство на лица од собраниското обезбедување.

35:14 Од горниот ходник каде пред малку се упати обвинетиот Оливер Поповски, истиот се враќа повторно, се гледа дека зборува на мобилен телефон кој го држи со десната рака, а во истиот момент на десното стакло од лифтот се гледа како влегуваат луѓе од таа врата, обвинетиот Оливер Поповски го спушта телефонот во џебот, а од вратата која се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката прв се појавува обвинетиот Саше Марковски кој во моментот кога се гледа убаво на снимката спушта мобилен телефон во џебот, позади него е машко лице со црна маица со кратки ракави и црни панталони, позади него е обвинетиот Оливер Радулов со црна кожна јакна и темни фармерки, а

позади него е обвинетиот Горанче Анѓеловски кој носи црвени патики, долна сива тренерка, црна блуза со долги ракави и темно сино безбол капче на главата, истите се движат во правец према горната врата на снимката каде што стои обвинетиот Оливер Поповски и се гледа дека истиот се поздравува со обвинетиот Саше Марковски. Обвинетиот Саше Марковски се гледа дека носи торбичка префрлена преку левата рака, а и обвинетиот Оливер Радулов има префрлена торбичка од левата страна према десната, преку рамото е префрлена. Истите продолжуваат да се движат према горната врата од ходникот каде стои обвинетиот Оливер Поповски, се поздравува со нив, ја отвара вратата и сите продолжуваат да се движат по тој ходник.

Од оваа снимка меѓу останатото јасно се виде како обвинетиот Оливер Поповски се поздравува со обвинетиот Сашо Марковски кој заедно се обвинетиот Оливер Радулов се движат по ходникот и двајцата имаат торбички префрлени преку рамото. Со нив е и обвинетиот Горанче Анѓеловски. Воедно од снимката јасно произлезе дека обвинетиот Оливер Поповски разговара на мобилен телефон, а потоа го спушта телефонот во џебот, после што се гледа дека и обвинетитот Сашо Марковски кој во моментот кога се појавува на вратата исто така го спушта телефонот во џебот. Иако има присуство на дел од толпата народ Оливер Поповски стои, гледа што се случува и ништо не превзема.

УСБ 6 New folder 3, фајл Analog_13_20_59_29_04_27.1.

Повторно се гледа влезот „Винар“, реалното време на снимката се добива кога на претходната снимка 27.00 која е во траење од 9 минути и 31 секунда се додава на почетното време од таа снимка и се добива дека оваа снимка започнува во 21:09. На снимката ќе се покажува времетраењето на истата, па дејствијата би се добиле така што би се додале минутите на конкретното дејствие на минутите на времето од почетокот на оваа снимка. Влезот во горниот дел на снимката е ходникот кој води кон влезот „Пријавница“ каде што се наоѓа мониторинг салата. На снимката се гледаат машки лица како се движат према долниот десен дел на снимката, има лица и од собраниското обезбедување кои стојат покрај вратите од левата страна на ходникот гледано према снимката.

01:27 Се гледа како лицето од собраниското обезбедување и другите лица што стојат во овој ходник разговараат нешто помеѓу себе.

02:33 Се симнуваат три машки лица по скалите веднаш покрај лифтот, се поздравуваат со лицата кои што стојат лево покрај левата врата од овој ходник гледано према снимката, лицата кои што се симнаа по скалите се упатуваат кон долниот десен дел на снимката.

03:11 Од вратата која што се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката влегуваат тројца полициски службеници во маскирни униформи со шлемови и панцири на себе и штитови во рацете, застануваат непосредно пред лифтот, разговараат со лице од

собраниското обезбедување кое стои покрај црниот столб по што тројцата полициски службеници се качуваат нагоре по скалите.

04:19 Од истата врата влегува уште еден полициски службеник во светло зелена маскирна униформа со панцир на себе и истиот се качува по скалите нагоре покрај лифтот.

05:59 Се симнува полициски службеник по скалите веднаш покрај лифтот.

06:14 Се гледа лице од собраниското обезбедување кое со трчање доаѓа од ходникот од кај влезот „Пријавница“ до средината на овој ходник и излегува низ левата врата на овој ходник гледано према снимката.

07:15 Се гледа полициски службеник од долниот десен дел на снимката кој со трчање се качува по скалите покрај лифтот, а покрај левата врата од ходникот гледано према снимката и натаму стојат лица од собраниското обезбедување како и машки лица кои се влезени во Собранието. Тоа се всушност лица кои што се вработени во Министерството за внатрешни работи во Шестта управа.

08:57 Од горниот ходник кој доаѓа од правец од влезот „Пријавница“ према средината на овој ходник влегуваат обвинетите Оливер Радулов, Саше Марковски, позади него е и обвинетиот Горанче Анѓеловски, се гледа дека обвинетиот Оливер Радулов се поздравува со едно лице, истите се упатуваат према вратите, према левата врата од овој ходник гледано према снимката, се гледа дека обвинетиот Саше Марковски разговара на мобилен телефон, па откако лицата од собраниското обезбедување се обраќаат према обвинетите Оливер Радулов и Горанче Анѓеловски, истите повторно влегуваат во ходникот, а за целото време обвинетиот Саше Марковски разговара со друго лице во позадина по што обвинетите застануваат непосредно пред лифтот, па сите тројца заедно и со други лица помеѓу нив се упатуваат према вратата која што се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката. Обвинетите Саше Марковски и Оливер Радулов повторно ги имаат торбичките префрлени преку рамото како и во моментот кога влегуваа во ходникот према влезот „Пријавница“.

10:24 Се гледа двајца полициски службеници како се симнуваат по скалите покрај лифтот, едниот од нив разговара со едно лице од собраниското обезбедување по што се упатува према вратата која се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката, во ходникот е присутен и сведокот В. Н. со радио врска во рацете и се качува по скалите десно покрај лифтот.

12:30 Во ходникот и натаму се гледаат лица од собраниското обезбедување, машки лица во цивилна облека, се симнуваат по скалите двајца полициски службеници со панцири на себе, во позадина позади црниот столб десно по ходникот се појавува исто така уште еден полициски службеник.

13:50 Од горниот ходник кој води према влезот „Пријавница“ се гледа присуство на повеќе луѓе, истите доаѓаат до вратите, излегуваат од нив, влегуваат на почетокот од ходникот и за кратко повторно се враќаат назад во правец према влезот „Пријавница“.

14:39 По скалите се симнува сведокот В. Н. и излегува низ вратата лево од ходникот, истиот има радио врска во десната рака, нешто им покажува и разговара со лицата од собраниското обезбедување кои стојат пред вратата по што тој заминува во долниот десен дел на снимката.

15:20 Се гледа лице кое излегува од долниот десен дел на снимката, носи нешто во раката, лицето од собраниско обезбедување зема од тоа што го носи ова машко лице по што тој продолжува да се качува по скалите десно покрај лифтот.

15:24 Од ходникот кој води према влезот „Пријавница“, во овој ходник влегуваат неколку луѓе меѓу кои има и женски лица и истите се упатуваат према долниот десен дел на снимката.

15:48 Сведокот В. Н. со радио врска во раката повторно се појавува во ходникот доаѓајќи од долниот десен дел, се гледа дека за цело време разговара по радио врска.

16:17 По скалите покрај лифтот се симнуваат неколку полициски службеници со панцири и шлемови на себе, а двајца помеѓу нив без опрема.

17:12 Се гледа движење на луѓе од ходникот десно позади црниот столб према десниот горен агол на снимката.

17:46 Се гледа поголем број на лица како симнуваат повредено лице кое го носат на некаква носилка во рацете, сведокот В. Н. ги застанува овие лица, а им кажува правец на движење на полициските службеници кои што се симнуваат позади нив, позади полициските службеници се гледа дека се носи уште едно повредено лице на некаква носилка, подлога под него, ова лице го спуштаат на подот, на скалите се гледа и присуство на доктори, позади нив има и полициски службеници со шлемови на главите, се гледа дека има некаква комуникација помеѓу луѓето кои што стојат долу на средина од ходникот, поточно се гледа дека машко лице во светло сина, односно бела кошула, нешто им зборува на другите луѓе кои се свртени према него, истиот со рака неколку пати покажува према излезот од левата страна на овој ходник по што тоа лице излегува низ вратите, повредените лица и натаму стојат спуштени на подот.

20:41 Едно од лицата кое што беше спуштено на подот го кревааат и го изнесуваат низ вратата од левата страна на ходникот, а веднаш по него се упатуваат и полициски службеници со панцири и шлемови и штитови во рацете, другото лице и натаму седи спуштено на подот.

22:17 Повреденото лице го креваат и го изнесуваат низ вратата лево од овој ходник, но за кратко повторно го враќаат назад во ходникот и го носат

во правец према долниот десен дел на снимката, а низ вратата, односно влезот „Винар“ повторно го внесуваат другото лице кое што претходно го изнесоа на кратко надвор, помеѓу луѓето се гледа присуство и на доктори, како и на полициски службеници.

23:20 Покрај вратата се гледа пратеникот Н.Т., како и пратеникот В. Ѓ., помеѓу луѓето е присутен и сведокот В. Н. по што се гледа дека докторите заедно со пратеникот В. Ѓ. се качуваат нагоре по скалите десно покрај лифтот, во ходникот се гледа присуство на полициски службеници со маскирни униформи, шлемови на главите и панцири на себе и штитови во рацете кои во 24:27 се качуваат нагоре по скалите десно покрај лифтот, се гледа како докторите пружаат повторно помош на повреденото лице кое што седи спуштено на подот.

25:06 По скалите се симнуваат полициски службеници меѓу кои се гледа дека има и повреден полициски службеник кој се потпира на двајца негови колеги и се упатуваат веднаш до црниот столб.

25:44 Повреденото лице и натаму лежи легнато на подот, покрај него има доктори, како и присуство на полициски службеници, повредените полициски службеници, односно повредениот полициски службеник се приближува кон десниот дел на снимката и го седнуваат, носат една фотелја, не го седнуваат на истата туку продолжуваат да го носат во долниот десен дел на снимката. И понатаму повреденото лице лежи на подот.

27:29 Покрај повреденото лице клекнато стои и машко лице во црн костим кој во еден момент става маска на себе, тоа е обвинетиот Абдуљфета Алими, а се гледа присуство на доктор кој и понатаму е покрај повредениот.

29:48 По скалите се симнува пратеникот В. Ѓ., на кратко застанува покрај повредениот и заминува во десниот долен агол на снимката, обвинетиот Абдуљфета Алими се гледа дека разговара со друго лице од собранискота обезбедување, и понатаму стои покрај повреденото лице кое лежи на подот, се гледа движење на поголем број на луѓе во 30:40 во правец од долниот десен дел на снимката према влезот „Пријавница“.

32:50 Повредениот и натаму лежи на подот, покрај него и понатаму има доктори, обвинетиот Абдуљфета Алими седи клекнат, чучнат покрај последната скала покрај лифтот, во ходникот има присуство и на лица од собранискота обезбедување, присутен е и сведокот Влатко Наумовски како и полициски службеник со маскирна униформа, шлем и панцир на себе.

34:02 Покрај повредениот клекнува пратеникот В. Ѓ., па за кратко пратеникот се упатува према горниот десен дел на снимката.

36:05 По скалите се симнува полициски службеник во маскирна униформа со шлем и панцир на себе, истиот разговара на мобилен телефон,

обвинетиот Абдуљфета Алими и натаму стои покрај повредениот кој лежи на подот.

38:27 Во долниот дел на снимката се појавува сведокот В. Н. со радио врска во рацете, покажува правец на движење надолу према влезот „Пријавница“, се упатува натаму, покажува само правец на движење натаму, а во тој правец се упатуваат полициски службеници со маскирни униформи, шлемови и панцири на себе.

40:36 Повторно се гледа сведокот В. Н. кој се симнува по скалите веднаш покрај лифтот, се упатува према долниот десен дел на снимката, а по него се упатуваат неколку полициски службеници со маскирни униформи и шлемови и панцири на себе.

41:16 По скалите покрај лифтот се симнуваат неколку полициски службеници во маскирни униформи со шлемови и панцири на себе, стојат на скалите, има некаква комуникација помеѓу нив, во истиот момент повредениот го преместуваат непосредно покрај левиот ѕид од ходникот, а во горниот дел на снимката 41:56 према влезот што води кон влезот „Пријавница“ доаѓаат неколку луѓе меѓу кои е и пратеникот Н.Т., женско лице кое е преврзано на главата, позади нив има и полициски службеници со панцири и шлемови на себе.

43:01 Повреденото лице го креваат пет лица меѓу кои е и обвинетиот Абдуљфета Алими и се упатуваат со него према долниот десен ден на снимката, позади нив има и доктор, а на скалите се гледа присуство на полициски службеници во маскирни униформи со шлемови и панцири на себе на кои насоки им дава сведокот В. Н..

45:45 По скалите десно покрај лифтот се гледа како се качуваат неколку полициски службеници во зелени маскирни униформи со панцири и шлемови на себе, а дел остануваат да стојат на скалите.

49:20 По скалите се симнуваат повеќе полициски службеници во маскирни униформи, панцири и шлемови на себе, помеѓу нив има и еден полициски службеник преврзан на главата и сите се упатуваат према вратата која се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката.

50:57 Повторно се гледа симнување на скалите на поголем број полициски службеници во маскирани униформи, панцири и шлемови на себе и тие се упатуваат према вратата која се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката.

51:50 Се гледа како полициски службеници носат повреден полициски службеник легнат на правоаголна даска и се упатуваат со него према долниот десен дел на снимката, а позади нив си заминуваат и други полициски службеници во маскирни униформи со панцири и шлемови на себе, истите се вртат према влезот кон ходникот кој води кон влезот „Пријавница“, па во 52:30 се гледа затемнување на светлината, снимката е делумно црно-бела по што повторно се враќа светлината, полициските

службеници кои стојат на средината на ходникот се упатуваат према влезот „Пријавница“, кон нив се приклучуваат полициски службеници кои се симнуваат по скалите, десно покрај лифтот, а воедно доаѓаат и полициски службеници од долниот десен дел на снимката и тие се упатуваат во правец према влезот „Пријавница“.

53:44 По скалите се симнува и пратеникот В. Ѓ. и се упатува према левата врата од ходникот, се поздравува накратко со полициските службеници кои стојат покрај оваа врата по што тој се враќа назад во ходникот и се упатува во правец према влезот „Пријавница“.

54:48 Пратеникот В. Ѓ. доаѓа во долниот десен дел на снимката, се упатува таму, а полициски службеници во маскирни униформи со шлемови и панцири на себе се упатуваат према вратата која се гледа на десното стакло од лифтот гледано према снимката.

Во 55.22 дел од полициски службеници кои стоеа лево од овој ходник низ вратите влегуваат повторно во ходникот и се упатуваат во правец према вратата која се гледа на десното стакло на лифтот гледано према снимката.

56:10 На снимката на средината од ходникот се појавува и пратеникот Н. Т. по што повторно се враќа према долниот десен дел на снимката, од каде се појавува пратеникот В. Ѓ..

Снимката е во времетраење од 1 час и 1 минута.

На оваа снимка повторно се гледаат обвинетите Сашо Марковски и Оливер Радулов кои повторно ги имаат торбичките префрлени преку рамото и во моментот кога влегуваат во ходникот према влезот „Пријавница“. Со нив е и обвинетиот Горанче Анѓеловски. На снимката се гледаат повредени полициски службеници, но има и други повредени лица, а покрај едно повредено лице присутен е обвинетиот Абдуљфета Алими.

УСБ 3 New Folder 3 фајл Analog_8_20_49_12_04_27.0.

На оваа снимка се гледа влезот „Пријавница“, снимката започнува во 20 часот 49 и 12 како што е наведено и на самата снимка, а на снимката се покажува времетраењето на истата, па реалното време на случување на настаните би се добиле кога на почетното време би се додало времето на конкретното дејствие.

На почетокот на снимката се гледа машко лице во црн костим, бела кошула, свртен со грбот на камерата.

00:28 Се гледаат три возрасни машки лица во правец од лево према десно гледано према снимката, а во долниот дел од десната страна се појавува женско лице во црн костим со црна виткана долга коса. Се гледа женско лице облечена во црн костим со врзана коса во репче, тоа е сведокот А. К. вработена како обезбедување во Собранието во 01:45.

02:27 Се гледа машко лице со темно зелена јакна позади него се гледа и друго машко лице во црн костум и жолта кошула, како и едно женско лице со црна долга коса.

02:43 Се гледа како поминуваат од десно према лево гледано према снимката, прв обвинетиот Сашо Марковски во црна јакна и црна торба префрлена преку неговото лево рамо, а позади него веднаш е обвинетиот Оливер Радулов со црна кожна јакна, сини фармерки и префрлена црна торбичка преку рамото од лево према десно. Истите, обвинетиот Оливер Радулов се поздравува со лице од собранискотo обезбедување по што двајцата обвинети слегуваат во левиот дел на снимката.

03:13 Се гледа сведокот А. К. како поминува од лево према десно гледано према снимката. Мониторинг просторијата се наоѓа лево гледано према снимката.

03:33 Се гледа повторно сведокот А. К. како носи црно столче во правец од десно према лево гледано према снимката, се гледа дека заминува во левиот агол од снимката, позади нејзе има друго женско лице исто така во црн костим со радио врска во левата рака и црна долга виткана коса, истата со рацете нешто покажува, во долниот дел на снимката лево се гледа и сведокот А. К. со мобилен телефон во десната рака, пред нејзе се гледа дека стои машко лице, но ликот не може да се види убаво по што сведокот А. К. замнинува десно од снимката гледано према истата, а по нејзе и другото женско лице во црн костим со црна долга виткана коса.

Во долниот десен дел на снимката се гледа машко лице со светла маица со кратки ракави и префрлена црна торбичка преку рамото, истиот се упатува од десно према лево гледано према снимката, времето е 06:54.

Истото машко лице во 07:34 се враќа десно према снимката, а во правец од лево према десно се гледа како се движи лицето од собранискотo обезбедување кое стоеше пред вратите од влезот „Винар“ на претходнатга снимка.

07:58 Се гледа движење на машко лице во црн костим во правец од лево према десно гледано према снимката, се гледа движење и на други лица дел од обезбедувањето во Собранието.

Се гледа движење на машко лице во црн костим во 09:59 во правец од десно према лево гледано во правец на снимката.

11:36 Повторно истото лице се гледа на снимката во правец од десно према лево гледано према снимката, позади него доаѓа уште едно друго машко лице, се гледа и движење на лице од собранискотo обезбедување во 13:04 во правец од лево према десно гледано од према снимката, облечен во црн костим и бела кошула.

14:06 Се гледа повторно истото лице од собранискотo обезбедување кое се движи во правец од десно према лево зборувајќи на мобилен телефон, се гледа движење на две машки лица во костими, односно тројца во 14:28,

двајца продолжуваат лево према снимката, а едниот десно по што лицето што заминува во десно се движи во правец од десно према лево гледано према снимката.

16:40 Се гледа сведокот А. К. како се појавува со радио врска во десната рака во правец од десно према лево, застанува во средина на снимката, кон нејзе во правец од лево према десно доаѓа машко лице со црна јакна и темно сина блуза, разговараат нешто помеѓу себе по што секој се упатува назад према правецот од кој доаѓа.

17:49 Се гледа движење на две машки лица во долниот дел на снимката према лево гледано према снимката.

18:15 Се гледа движење на лице од собраниското обезбедување во црн костим и црна кошула во правец од лево према десно гледано према снимката. Повторно се гледа истото лице од обезбедувањето како се движи во правец од десно према лево гледано према снимката.

Снимката е во времетраење од  19 минути и 48 секунди.

На снимката јасно се гледаат обвинетите Сашо Марковски и Оливер Радулов кои ги имаат торбичките преку рамо, а заедно со ни е и обвинетиот Горанче Анѓеловски, а воедно се гледа и сведокот А. К., а лево гледано према снимката се наоѓа мониторинг собата.

УСБ 3 New Folder 3 фајл Analog_8_20_49_12_04_27.1.

Повторно се гледа влезот „Пријавница“. Снимката го покажува времетраењето на истата, а реалното време се добива кога на претходната снимка која започнува во 20:49:12 се додава целокупното времетраење на првата снимка од 19 минути и 48 секунди плус точното време на конкретното дејствие од оваа снимка.

Во првиот момент на снимката не се гледа присуство на ниту едно лице.

Се гледа движење на машко лице во 03:42 од долната страна на снимката према десната страна.

Во 03:50 се гледа движење на лице од обезбедувањето во Собранието во црн костим и бела кошула во правец лево према десно гледано према снимката.

04:42 Се гледа движење на три машки лица во правец од лево према десно гледано према снимката.

05:19 Се гледа движење на две машки лица, едниот во темен костим и зборува на мобилен телефон држејќи го со десната рака се движат од долниот дел на снимката према лево.

05:35 На средина од снимката се гледа машко лице во темно сина јакна, стои на средина од оваа снимка со погледот свртен према лево, а со грбот

свртен према камерата по што истиот заминува десно, се придвижува десно гледано према снимката.

06:23 Се гледа сведокот А. К. со мобилен телефон во десната рака, истата се движи во правец од десно према лево гледано према снимката застанува во левиот агол на снимката.

06:30 Се гледа дека покрај нејзе излегуваат две лица од кои едниот се гледа дека е обвинетиот Оливер Радулов.

06:47 Со црна кожна јакна и црна торба префрлена преку рамото, а првото лице кое излезе и во првиот момент не се виде убаво на снимката, а замина лево се враќа кон средината на снимката и се гледа дека е обвинетиот Сашо Марковски со мобилен телефон во рацете, и обвинетиот Сашо Марковски има и торбичка на левата рака, обвинетиот Оливер Радулов заминува кон долниот дел на снимката, во ходникот се гледа уште едно машко лице, обвинетиот Сашо Марковски заминува лево гледано према снимката, а сведокот А.К. заминува десно гледано према снимката

07:08 Се гледа машко лице како се движи во правец од десно према лево во црн костим и бела кошула.

07:08 Од долниот дел на снимката повторно се појавува обвинетиот Оливер Радулов со грбот свртен према камерата со црна кожна јакна, сини фармерки и црна торбичка префрлена преку рамото, се упатува десно гледано према камерата, а во долниот десен дел на снимката и понатаму се гледа машкото лице кое застана уште на почетокот на оваа снимка на ова место.

07:27 Се гледа обвинетиот Оливер Радулов странично свртен према камерата, со црна кожна јакна, со црна торбичка преку рамото, сини фармерки, позади него е обвинетиот Горанче Анѓеловски со црвени патики, сива долна тренерка, црна блуза со долги ракави и црно или темно сино капче на главата, истите се движат во правец од десно према лево гледано према снимката, а позади нив е и уште едно машко лице со црна маица со кратки ракави, црно елече на себе и темно сини фармерки. На снимката се гледа движење на машко лице во 08:49 од долниот дел на снимката десно гледано према снимката, а повторно 09:04 повторно се гледа движење на лицето од собраниското обезбедување во црн костим и бела кошула во правец од десно према долниот дел на снимката.

09:28 Се гледа движење на машко лице во црна јакна и црни панталони како доаѓа од долниот дел на снимката и се упатува десно од каде му приоаѓа друго машко лице со црн костим и светло розева кошула, се разминуваат по што првото лице заминува десно према снимката, а второто лице во долниот дел на снимката заминува.

10:25 Се гледа движење на сведокот А. К. од десно према долниот дел на снимката,  во моментот на снимката не се гледа присуство на ниту едно лице.

Во 10:59 од левата страна прво се приближува женско лице со плава коса, позади нејзе има уште три други машки лица и се упатуваат према вратата во горниот дел на снимката.

Снимката е со времетраење од 11 минути и 00 секунди.

На оваа снимка повторно се гледаат обвинетите Сашо Марковски и Оливер Радулов со торбичките на рамо, а воедно се гледа и сведокот А. К.. Од оваа снимка повторно произлезе дека со обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски е и обвинетиот Горанче Анѓеловски.

УСБ 3 New Folder 4 фајл Analog _6_20_46_30_04_27.1.

Се гледа ходникот од влез „Пријавница“ кон влез „Винер“. Снимката го покажува времетраењето на истата, а реалното време се добива кога на почетокот на снимката од претходниот фајл 27.0 кој е во времетраење од 22 минути и 30 секунди се додава на почетното време 20:46:30 и се добива почетно време од 21:09 часот, понатаму времето би се добило кога конкретното дејствие, односно времето на конкретното дејствие ќе се додаде на ова почетно време.

На снимката се гледа лице во црн костим како се движи во правец од доле нагоре према снимката.

03:30 На снимката не се гледа присуство на ниту едно лице.

03:47 На снимката се гледа лице од собраниското обезбедување во црн костим и бела кошула како се придвижува од левата страна на ходникот према долниот дел на снимката гледано во правец на снимката.

04:29 Во горниот дел на снимката се гледа движење на машко лице дел од обезбедувањето во Собранието во црн костим, позади него има и друго машко лице со светло кремаста маица со кратки ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, се движат надолу према снимката, а од левата страна на ходникот им се приклучува уште едно машко лице во црн костим и бела кошула. Двете лица, едното во црн костим, другото во кремаста маица со кратки ракави, повторно се гледаат на снимката и заминуваат во горниот дел на снимката.

06:58 Се гледа обвинетиот Саше Марковски со грбот свртен према камерата со црна јакна и торбичка на левото рамо и истиот доаѓа од правец од влезот „Пријавница“ каде што се наоѓа и мониторинг салата, продолжува нагоре да се движи по ходникот, се врти во еден момент во рацете држи телефон, кон него приоѓа лице од обезбедувањето во Собранието разговараат на кратко.

Во 07:32 од истиот правец доаѓа и обвинетиот Оливер Радулов со црна кожна јакна, црна торбичка префрлена преку рамото, со грбот свртен

према камерата, позади него е и обвинетиот Горанче Анѓеловски со сива долна тренерка, црна блуза со долги ракави и темно сино спортско капче. Позади него има уште едно машко лице со црна маица со кратки ракави и црни панталони и сите се упатуваат према горниот дел на снимката всушност кон излезот „Винар".

Снимката е со времетраење од  07 минути и 53 секунди.

Од снимката јасно се видоа обвинетите Сашо Марковски и Оливер Радулов кои сеуште ги имаат торбичките на рамо, а со нив е и обвинетиот Горанче Анѓеловски. Истите доаѓаат од правец од влезот „Пријавница" каде што се наоѓа и мониторинг салата.

ЦД снимка од Алфа VTS_02_1

На снимката се гледа влезот во Собранието при што се гледаат луѓе кои што се влезени внатре во Собранието, се качуваат по скалите нагоре, дел од луѓето што се влезени со раце ги повикуваат другите луѓе да им се приклучат да се качат по скалите нагоре.

00:42 Се гледа влегување на полициски службеници со панцири и шлемови на себе, маскирни униформи, од десната страна на скалите се гледа како стојат и други полициски службеници, на завршетокот од скалите лево има машко лице кое што вее знаме во рацете, а се гледа исто така на снимката и дел од луѓето кои што се влезени во Собранието. Бројот на униформирани полицски службеници со маскирни одела кои што влегуваат во Собранието е голем, во десниот агол се гледа камерман како го снима сето тоа.

00:25 Во моментот се слуша како некое лице на камерманот му вика со повисок тон „дај камерата" по што се гледа дека камерата се спушта надолу и снима надолу, во моментот снима некој дел од облека колку што може да се види на екранот.

01:05 На влезот од Собранието додека се качуваат униформираните полициски службеници во маскирни униформи се слуша  скандирање од страна на луѓето „М., М.".

02:07 Се гледа надворешниот дел пред главниот влез во Собранието, а надвор е веќе стемнето, сеуште има луѓе собрани пред вратите на Собранието како и пред споменикот пред Собранието.

02:54 Во централниот дел на снимката непосредно пред една од вратите за влез во Собранието во моментот свртен со грбот се гледа обвинетиот Богдан Илиевски, десно од него гледано према снимката се гледаат тројца полициски службеници со маскирни униформи и шлемови и панцири на себе, а пред Собранието и внатре во Собранието се гледаат поголем број на луѓе.

04:14 Се гледаат двете влезни врати од предната страна на Собранието дека се отворени, покрај вратите стојат униформирани полициски

службеници со шлемови и панцири на себе, пред Собранието и внатре во Собранието има поголем број на граѓани, дел од нив веат знамиња во рацете и внатре и надвор пред Собранието.

04:40 Се гледа страничниот влез на Собранието, пред кој во долниот дел непосредно пред почетокот на скалите стојат неколку полициски службеници со шлемови на себе. По улицата се гледа дека поминуваат луѓе, улицата е затворена за движење за возила, се гледа полициско комбе и возила на брза помош.

05:14 Се гледа уште еден влез во Собранието пред кој стојат повторно униформирани полициски службеници дел во темно сини униформи дел во маскирни униформи со шлемови на себе и понатаму се гледа присуство на поголем број на луѓе околу Собранието.

06:04 Се гледа движење на полициски службеници од страничниот влез, од задниот влез према страничниот влез истите се во маскирни униформи со панцири и шлемови на себе и со штитови во рацете кои од страничниот влез продолжуваат према предниот дел од Собранието.

07:08 Се гледаат две машки лица како туркаат кревет на тркала, се упатуваат према еден од влезовите во Собранието, може да е задниот влез ова или гаража, а непосредно пред Собранието и тука се гледаат унифрмирани полициски службеници, а пред нив стои поголем број на луѓе кои нешто скандираат, дел од нив се со знамиња во рацете, се гледа дека луѓето кои го туркаа креветот на тркала влегуваат во една врата која им беше отворена од страна на полициски службеник.

08:24 Се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со лицето свртен према камерата со црна маица со кратки ракави, бела апликација на предната страна, црвена блуза врзана на половината, истиот стои пред едно возило кое што доаѓа, со рацете покажува полека да застане према возилото, возилото го управува полициски униформиран службеник со шлем на себе, пред возилото стои уште еден полициски службеник, а околу него поголем број на луѓе, станува збор за возило на брза помош, но истото не може да се пробие до Собранието, луѓето стојат тука по што возилото се повлекува station наназад, а се гледа ракоплескање на луѓето кои што стојат и скандирање со рацете нагоре.

09:32 Се гледа како излегува машко лице во кратка маица, во маица со кратки ракави со хоризонтални линии, истиот турка кревет на тркала, покрај вратата се гледаат полициски службеници, а и понатаму се гледа поголем број на луѓе како стојат пред Собранието.

10:07 Се гледа возило на брза помош на кое задните врати се отворени, пред него стојат поголем број на луѓе, а се гледа и лицето кое пред малку го буткаше креветот на тркала со грбот свртен према камерата.

10:54 Се гледа дека на креветот на тркала кој стои пред возилото на Брза помош лежи едно повредено лице.

11:58 Се гледа комбе со темно сина боја, со затемнети стакла, од истото излегуваат униформирани полициски службеници во маскирни униформи со панцири и шлемови на себе и оружје во рацете, возилото стои покрај страничниот дел од Собранието.

13:37 Се гледа повредено лице како се движи покрај возилото на Брза помош, му помага друго лице на него, повторно се гледаат униформирани полициски службеници со маскирни униформи со панцир и шлемови на себе и оружје во рацете како се упатуваат према Собранието.

14:47 Се гледа страничниот влез на Собранието, вратите се затворени, горе пред влезот стојат полициски службеници во маскирни униформи, со панцир и шлемови на себе, на коловозот пред Собранието и понатаму има поголем број на луѓе.

15:10 Се гледа возило на Брза помош со запалени ротациони светла на него.

15:20 Се гледа движење на полициски службеници во маскирни униформи со панцир и шлемови на себе покрај ѕидот на Собранието.

15:36 Луѓето кои што стојат пред страничниот влез на Собранието каде и натаму има присуство на полициски службеници во маскирни униформи се гледа дека нешто скандираат.

16:11 Се гледа возрасно машко лице со очила на себе истиот е качен на нешто, нешто кажува околу него има поголем број на луѓе, а воедно има и присуство на полициски службеници со шлемови на нив, ова е непосредно пред страничниот влез на Собранието.

17:30 Се гледа некаков чад пред Собранието, присуство на возило на Брза помош.

17:42 Се виде одблесок, луѓето кои што стојат пред Собранието се повлекуваат station наназад, се гледа присуство на полициски службеници со штитови пред себе, бројот на луѓето кои што стојат пред Собранието и понатаму е голем, истите со рацете мафтаат нешто према полициските службеници, се приближуваат према нив.

18:52 Се гледа распоредување на полициски службеници во хоризонтална линија по што пристапуваат нанапред према луѓето кои стојат на паркингот посебно од страничниот дел на Собранието, се гледа фрлање со предмети од страна на луѓето према полициските службеници.

19:13 Повторно се гледа одблесок, потоа бел чад непосредно покрај ѕидот на Собранието каде што има поголем број на луѓе, а и полициски службеници.

19:43 Повторно се гледа повлекување на полициските службеници со штитови во линија.

20:08 Се гледа како се носи повредено лице према возилото на Брза помош, станува збор за повреден полициски службеник, всушност полициски службеник носи машко лице кое што има знаме на себе врзано.

21:07 Се гледаат две возила на Брза помош.

21:21 Се гледа борбено возило на Министерството за внатрешни работи, ова возило се поставува непосредно пред вратата кај гаражата од Собранието, од истото излегуваат полициски службеници, на влезот од вратата се гледа полициски службеник со сино капче на себе.

22:56 Се гледа борбено возило на МВР, лево од него се гледаат поголем број на полициски службеници, се гледа фрлање на предмети према нив, во предниот дел на снимката се гледа бел чад.

23:22 Се гледа излегување на лица од вратата кај гаражата према борбеното возило на МВР. Покрај ѕидот се гледа машко лице со бела маска на лицето и носот, покрај ѕидот се гледа и пратеникот Н. Т. како и пратеникот В. Ѓ. по што се затвараат вратите од возилото.

23:57 Се гледа како лицата кои што стојат непосредно пред оваа врата, одеднаш се наведнуваат надолу, се вртат према нивно лево, односно десно гледано према камерата.

24:04 Се гледа бел чад пред Собранието, движење на борбеното возило, а пред него униформирани полициски службеници.

24:18 Борбеното возило на МВР кое што беше паркирано пред влезот од гаражата почнува да се движи странично од Собранието по еднонасочната улица во спротивен правец, пред оваа врата се гледа само присуство на полициски службеници по што во 24:37 доаѓа возило на Брза помош, истото со задниот дел се паркира пред овој влез, пратеникот Н.Т. отвара вратата од ова возило, се гледа како повредено лице се упатува према истото на кое му помагаат други две машки лица, позади него има уште едно повредено лице на кое исто така му помагаат при движењето по што возилото заминува, се гледа излегување на докторки, возилото на Брза помош заминува исто така по еднонасочната улица во спротивен правец.

25:49 Се гледа движење на уште едно борбено возило и тоа се паркира према влезот, према вратата од гаражата. На влезот од вратата се гледа лице од обезбедувањето во Собранието во црн костим како и полициски службеници со сини капчиња на главите, а воедно има и униформирани полициски службеници во маскирни униформи со шлемови и панцири на себе.

26:45 Се гледа доаѓање на уште едно борбено возило, а претходното заминува исто така по еднонасочната улица во спротивен правец.

26:57 Се гледа присуство на полициски службеници пред предниот дел на Собранието.

27:11 Борбено возило на МВР  паркирано е пред влезот на гаражата, од вратата излегуваат полициски службеници.

27:44 Се гледаат полициски службеници во маскирни униформи, шлемови и панцири на себе, а пред нив се гледа поголем број на луѓе, некои од нив имаат знамиња во рацете, се гледа повредена жена која излегува од Собранието, а при движењето и помага и пратеникот В.Ѓ.

28:23 Се гледа излегување на повеќе женски лица од Собранието и влегуваат во возило на МВР.

28:38 Се слуша скандирање на луѓето, викање „Уа“, истите се застанати пред предниот влез на Собранието.

29:23 Се гледа возило на Брза помош со вклучена сирена и ротациони светла, околу истото има поголем број на луѓе.

29:50 Се слуша пукотница по што луѓето извикуваат „Уа“, се слуша свиркање.

30:56 Се слушаат неколку пукотници, луѓето после истите викаат „Уа“ и понатаму се гледаат поголем број на луѓе како стојат пред Собранието, се гледа бел чад, се гледа двајца од луѓето како снимаат со мобилните телефони во правец према чадот.

31:39 Се слуша скандирање на луѓето „М., М.“ и понатаму има поголем број на луѓе пред главниот влез на Собранието.

31:52 Се гледа внатрешниот дел на Собранието, веднаш после влезот има присуство на поголем број на луѓе, искачени се по скалите, се гледа дека луѓето скокаат, викаат.

32:09 Се гледа повреден полициски службеник на кого му се пружа помош од страна на доктори, покрај нив има возило на Брза помош, се гледа како полициски службеници влегуваат во возило на Брза помош.

32:59 Се гледаат две возила на Брза помош кои се паркираат спротивно од страничниот дел на Собранието по што едното продолжува да се движи по еднонасочната улица во спротивен правец.

33:56 Се гледаат лица влезени внатре во Собранието кои повикуваат некого во правец према нив.

33:59 На скалите се гледа и обвинетиот Владо Јовановски свртен со лицето према камерата, покрај него стојат повеќе луѓе, има и едно машко лице со знаме во рацете по што истиот се движи наназад.

34:13 На скалите стојат поголем број на луѓе, истите нешто извикуваат, а во долниот дел на снимката пред почетокот на скалите се гледа присуство на полициски службеници со панцири и шлемови на себе, во маскирни униформи.

34:19 Се гледа како луѓето кои што стојат на скалите со забрзано движење почнуваат да се симнуваат надолу, снимката на камерата се врти нагоре.

34:30 На скалите се појавуваат полициски службеници со штитови пред себе и панцир и шлемови на себе, а луѓето продолжуваат забрзано да се симнуваат надоле.

34:42 Се слуша јака пукотница, се слуша извикување на луѓето „Уа“.

34:49 Во долниот десен дел на снимката се гледа обвинетиот Владо Јовановски странично свртен према камерата, околу него има поголем број на луѓе, истиот стои позади еден полициски службеник, гледа што се случува свртен кон лицето према луѓето што се во предниот дел од влезот на Собранието.

35:04 Повторно се слуша пукотница, полициските службеници со шлемови и натаму стојат на скалите, а горе и натаму се гледа присуство на поголем број на луѓе.

35:29 Луѓето повторно се качуваат према скалите, дел од нив повикуваат нагоре.

35:41 Се гледа влегување на полициски службеници со панцири и шлемови на себе, десно од нив се гледа присуство на новинари и камермани.

35:45 Повторно се слуша скандирање „М., М.“.

35:59 Се гледа знаме од ЕУ искинато се фрла на подот од Собранието.

36:31 Од горниот дел на скалите се гледа како се појавуваат неколку полициски службеници, на почетокот на скалите се гледа појавување на повеќе полициски службеници со панцири и шлемови на себе и штитови пред себе и се гледа дека истите пробуваат да ја истуркаат масата нанапред надолу по скалите, пред нив се гледа поголема група на луѓе.

36:47 Се гледа влезот пред Собранието, луѓето скандираат со раце кренати во воздух, нешто извикуваат.

37:15 И натаму се гледа поголем број на луѓе пред главниот влез на Собранието.

37:32 Пред главниот влез на Собранието се гледаат повеќе полициски службеници со шлемови и штитови пред себе.

37:41 Се слуша како луѓето извикуваат „Шиптари, Шиптари“.

38:13 Се гледа како некој од луѓето фрла знаме во правец према полициските службеници, се гледа дека луѓето пробуваат да се пробијат повторно да влезат внатре во Собранието, се буткаат со полицските службеници кои стојат пред нив точно пред влезот на Собранието.

38:33 Се слуша извикување на луѓето „М., М.“

39:08 Се слуша како луѓето започнуваат да пеат песна.

41:22 Се гледа женско лице свртена непосредно пред камерата која упатува порака према својот син по што повторно на снимката се гледаат поголем број на луѓе застанати пред Собранието.

41:47 Повторно се слуша пукотница, а се гледа дел од зградата на Собранието, се гледа луѓе како се движат со знамиња во рацете и понатаму се слуша скандирање „М., М.“.

42:36 Се гледа одблесок и се слуша пукотница од страничниот дел на Собранието по што се гледа и бел чад, луѓето и натаму се присутни пред Собранието.

43:20 Повторно се слуша пукотница по што се гледа бел чад исто така од страничниот дел на Собранието. Појаснувам дека во сите делови каде што велам дека се слуша пукотница всушност станува збор за детонација.

43:57 Повторно се слуша детонација, се гледа дека луѓето се свртени према страничниот дел на Собранието. И понатаму има слушање на детонации по една, луѓето и натаму стојат пред Собранието.

44:48 Се гледаат четири возила на Брза помош паркирани покрај улицата.

45:06 Се гледа влегување на женски лица од Собранието во возило на МВР, им помагаат полициски службеници, покрај нив поминува и возило на Брза помош, станува збор за пратенички, има и друго возило, на уште две возила на МВР во кои што влегуваат истите.

46:18 Се гледа движење на возилата во кои што влегуваат пратеничките по еднонасочната улица во спротивен правец која е покрај Собранието.

46:49 Се гледа излегување на машки лица во костуми од вратата покрај гаражата на Собранието, влегуваат во возила на МВР, покрај истото стојат полициски службеници со панцири и шлемови на себе по што и ова возило заминува по еднонасочната улица покрај Собранието во спротивен правец.

48:24 Се гледа комбе на МВР.

48:35 Се гледа излегување на повредени лица од страничниот, од влезот, од страничниот влез покрај гаражата, станува збор за пратеникот З.З., покрај него се лица од неговото обезбедување, во позадина се гледа и пратеникот М. З., Д. М., сите влегуваат во борбено возило на МВР, покрај истото има полициски службеници со панцири и шлемови на себе, се гледа машки лица кои што стојат пред возилото, со рацете му даваат знак да тргне по што возилото се упатува по еднонасочната улица, покрај него поминува темно сино комбе со затемнети стакла.

50:19 Се гледа доаѓање на други возила на МВР, во истите влегуваат пратеници, возилата се паркирани покрај гаражата на Собранието, се гледа присуство на новинари, камермани, полициски службеници.

51:14 Пред вратата покрај гаражата се гледа и пратеникот Н. Т., а се гледа и возило на Брза помош, во истото е и пратеникот А. К. по што возилото се упатува по еднонасочната улица покрај Собранието во спротивен правец се движи. Повторно се паркира борбено возило на МВР, поточно две возила се паркираат покрај гаражата на Собранието, во истите влегуваат пратеници, се гледа пратеникот П. Б., пратеникот А. Г.

53:58 Се гледа излегување на поголем број на луѓе од влезот покрај гаражата на Собранието, покрај нив има полициски службеници со панцири и шлемови на себе, и натаму има возила на МВР, оклопни возила.

Иако оваа снимка беше најавена како Алфа VTS _02_1, сепак се работи за се сите претходно наведени снимки пред VTS _02_01, а кои се од Алфа телевизија.

На претходниот запис како и на останатите записи од телевизиските куќи го нема реалното време на снимање, туку стои само времетраењето на снимката, а ова е од причина што секоја ТВ куќа има снимено материјал од неколку часови, но подоцна тие самите имаат направено многу пократок материјал проценувајќи што би било добро за презентирање пред нивните гледачи.

На снимката се гледа просторот пред Собранието во периодот кога веќе полицијата интервенираше внатре во Собранието и непосредно пред евакуацијата на пратениците и повредените. Има сеуште насилна маса која не дозволува да возилата на брзата помош ги евакуираат повредените полициски службеници како и повредените пратеници заради што од страна на полицијата мораше да бидат употребени пиротехнички средства. Воедно на оваа снимка јасно се видоа дел од пратениците кои се евакуираа од Собранието, а тука се З. З., лица од неговото обезбедување, пратениците М. З., Д. М., П.Б., А. Г., А. К.. На снимките се гледа и присуство на полициски службеници со панцири и шлемови на себе.

ЦД Алфа VTS _02_1

На почетокот на снимката се гледаат граѓани како се упатуваат према главниот влез на Собранието, се слуша свиркање, се гледа дел дека прескокнуваат нешто, тоа се заштитните огради поставени од МВР и сите се упатуваат према главниот влез на Собранието.

01:03 Се гледа дека вратите од Собранието се затворени, луѓе кои што се непосредно пред Собранието ги повикуваат луѓето кои што се позади да се приближат према нив, скандираат „Избори, избори“ се повикуваат луѓето да дојдат непосредно пред влезот на Собранието од страна на оние кои се веќе таму по што се гледа како поголем број на луѓе се приближуваат непосредно пред влезот на Собранието.

01:48 Се гледа обвинетиот Богдан Илиевски како стои пред Собранието покрај тревникот.

02:29 Се гледаат и полициски службеници со бели шлемови непосредно странично поставени пред вратите на Собранието, пред нив се гледаат поголем број на луѓе, дел од луѓето носат знамиња во рацете, полициските службеници само стојат, луѓето скандираат „Избори“, стојат точно пред вратите на Собранието, се гледа дека луѓето се буткаат према скалите нагоре, према влезот на Собранието.

04:24 Се гледа движење на полициските службеници на делот кои стоеја странично пред главниот влез на Собранието како се упатуваат во левиот долен дел на снимката, само неколку остануваат покрај  жолтиот столб пред влезот на Собранието.

05:38 Се гледа дека полициските службеници застануваат пред страничниот дел на Собранието, а дел од нив се поставуваат да стојат на средина од еднонасочната улица, се гледа машко лице кое бутка велосипед, во еден момент почнува да удира по велосипедот, се гледа дека поголем број на луѓе се движат према страничниот дел на Собранието, а на улицата се поставени на средина само неколку полициски службеници со панцири и шлемови на себе, истите се движат полека наназад, а масата народ се движи према нив. Се гледа присуство и на новинари на улицата како и на луѓе кои што стојат во задниот дел на Собранието, има полициски службеници со сини, темно сини капчиња на себе кои стојат пред гаражата на Собранието, поголем број на луѓе се собираат и пред влезот на гаражата на Собранието, застануваат тука, повторно се слуша скандирање од страна на масата „Избори, избори“, држат знамиња.

07:40 Се гледа главниот влез на Собранието и како луѓето влегуваат внатре по скалите, по нив двајца полициски службеници стојат на почетокот од скалите, луѓето поминуваат покрај нив, истите само стојат, внатре во Собранието се гледа дека се влезени поголем број на луѓе, се гледа полициски службеник односно неколку полициски службеници кои стојат странично, се симнуваат надолу по скалите, а покрај нив луѓето се качуваат нагоре по скалите, луѓето внатре во Собранието извикуваат „М., М.“.

08:33 На завршетокот од скалите кои што се гледаат во горниот дел на снимката стојат двајца полициски службеници со панцири и шлемови на себе, до нив има две лица од луѓето кои што се влезени во Собранието, а во долниот дел се гледаат поголем број на луѓе, се гледа присуство на новинари.

09:21 Во горниот десен дел од снимката се гледа и обвинетиот Љубен Арнаудов свртен странично према камерата качен е на нешто и со левата рака вее знаме, се гледа дека во салата има поголем број на луѓе од оние што влегоа во Собранието, се слуша луѓето како ја пејат македонската химна.

09:38 Централно доле на снимката се гледа обвинетиот Игор Дурловски во темно сива блуза со мобилен телефон во десната рака, се гледа дека со истиот снима или слика према луѓето во средниот дел на салата, обвинетиот Љубен Арнаудов и понатаму качен на столче или масичка вее знаме во рацете.

10:05 Се гледа како обвинетиот Игор Дурловски разговара со едно од лицата во Собранието, продолжува и натаму да снима.

Во 10:07 централно горе на снимката помеѓу масата народ се гледа обвинетиот Игор Југ свртен странично со лицето према камерата.

11:13 Се гледаат пратениците во салата, пеат заедно со масата народ, помеѓу нив се гледа и обвинетиот Крсто Мукоски во горниот десен дел на снимката качен на нешто, се гледа лице со црна фантомка на главата и темно сина маица со кратки ракави, во левиот горен дел на снимката се гледа уште едно лице со црна фантомка на главата.

11:29 Централно доле десно се гледа обвинетиот Владо Јовановски како разговара со пратеникот И. Д., лево од нив се гледа и пратеникот В. Ѓ..

12:08 Се гледа обвинетиот Крсто Мукоски, се гледа како се поздравува со некое лице од оние што се влезени во Собранието.

12:38 Доле централно во снимката непосредно пред големото знаме се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски без маска, со црна маица, пред него има повозрасно машко лице со бела коса, лево од него гледано према снимката има машко лице со розева маица со крагња, истиот обвинетиот Горанче Анѓеловски со раката скандира нагоре, на десната рака се гледа тетоважа на истата.

12:53 Во долниот десен дел на снимката се гледа обвинетиот Игор Југ без маска, со брада на лицето, свртен према камерата.

13:08 Во горниот десен дел на снимката под лицето со црна фантомка качен на нешто и темно сина маичка од десната страна се гледа обвинетиот Захарие Симовски со црна фантоимка на главата, црна блуза со долги ракави и бела голема хоризонтална линија на предната страна, лево од него е и обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави.

13:29 На предниот дел на снимката повторно се гледа обвинетиот Владо Јовановски, луѓето кои што се влезени во Собранието пеат песни, веат знамиња.

13:54 Во долниот среден дел на снимката свртен странично се гледа обвинетиот Борис Дамовски.

14:22 Пред пратеникот И. Д. каде што стои обвинетиот Владо Јовановски доаѓа и обвинетиот Борис Дамовски, истиот се поздравува со пратеникот И. Д.

15:13 Се гледа како обвинетиот Борис Дамовски се поткачува на горниот десен дел на снимката ги крева рацете нагоре, масата народ го отпоздравува, ракоплеска.

15:37 Се гледаат, во долниот десен дел на снимката се гледа движење на четири лица со фантомки на главите во правец од лево према десно гледано према снимката.

15:44 Обвинетиот Борис Дамовски започнува да држи говор.

16:10 Не се разбира целиот говор, но дел од говорот обвинетиот Борис Дамовски со повисок тон кажува „пеea химна од тука на друга држава“, луѓето што се влезени во Собранието извикуваат после тоа, има свиркање, после тој дел на говорот.

17:19 Во долниот десен дел на снимката помеѓу луѓето се гледа и обвинетиот Игор Дурловски со бела маица со кратки ракави и очила на себе, луѓето ја пеат химната на РМ.

17:45 Се гледаат обвинетите Владо Јовановски и Игор Дурловски качени на нешто при што обвинетиот Владо Јовановски држи говор.

17:57 Се гледа хол во предниот дел се гледаат машки лица во костими, пред нив лице во фармерки и блуза со три-четврт ракави свртено со грб према камерата.

18:07 Се гледаат скали и лице со сина маица со кратки ракави како се качува по скалите, во позадина се слушаат извици „Ајде горе е 3.“, повторно се слуша истото, се гледа дека камерата се движи позади лицето со сина маица кое се качува по скалите со трчање.

18:20 Се слуша извикување во позадина „Ајде сите горе“.

18:30 На овој дел на снимката се гледа влезот на Прес салата, се гледаат лица со фантомки, на првата фотеља десно гледано према снимката седи обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, темни фармерки, до него стои уште едно лице со црна фантомка, со црна маица со кратки ракави со бројот 46 на предната страна, бели патики и црни тренерки, лево од него се гледа обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка на главата, црна маица со кратки ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, црни три-четврт панталони.

18:36 Во десниот дел на снимката се гледа како стои обвинетиот Абдуљдфета Алими во црн костим, пред него стојат лицата со фантомки, тој стои и ги гледа.

18:42 Пред вратата на Прес салата се гледаат и други лица од собраниското обезбедување, луѓето кои што се влезени во овој хол вклучувајќи го и лицето со црна фантомка кое што се гледа во моментот на долниот дел од камерата се приближуваат према вратите на Прес салата.

18:49 Покрај обвинетиот Абдуљфета Алими поминува и обвинетиот Оливер Поповски, ги гледа лицата со фантомки и само застанува, а во предниот дел на камерата во моментот со грбот свртен према камерата е обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави и бела капуљача.

18:53 Се гледа луѓе како влегуваат од десната врата на овој хол гледано према снимката.

18:58 Во левиот агол на снимката се гледа обвинетиот Игор Југ, во холот се гледа присуство на новинари.

19:06 Во предниот десен дел на камерата со грбот свртен према камерата се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со црна маица со кратки ракви, бел натпис на позадина на маицата, со црвена блуза врзана на половината, позади него лево дијагонално стои машко лице со сина маица со кратки ракави, со мобилниот телефон во двете раце кренати нагоре и снима према влезот на Прес салата, лево дијагонално право гледано од ова лице се гледа и обвинетиот Оливер Поповски, помеѓу него, покрај него има поголем број на луѓе кои што се влезени во овој хол.

Непосредно пред завршување на снимката се гледа обвинетиот Оливер Поповски како стои покрај него, према вратата продолжуваат да се движат луѓето, дел од луѓето кои што се влезени во Собранието.

Снимката е со времетраење од 19 минути и 13 секунди.

На оваа снимка се гледа како толпата народ ја прескокнува заштитната ограда пред Собранието, а воедно се гледа влезот на истите во внатрешноста на Собранието, а присутните полициски службеници ништо не превземаат. Во непосредна близина на обвинетите Оливер Поповски и Абдуљфета Алими се движи дел од насилната маса меѓу кои има и лица со фантомки, но истите не превземаат ништо и само немо набљудуваат што се случува. На снимката јасно се слуша како едно лице ја повикува толпата народ велејќи „ Ајде горе е З.“ се слуша „Ајде сите горе“ па отука јасно произлезе дека помеѓу насилниците има  некои кои знаеле каде се наоѓал З. З. и останатитте пратеници, но воедно отука произлезе и кој е таргет на насилната маса. На оваа снимка се виде присуството и на обвинеите Игор Југ, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски и Вилијам Михајловски.

ЦД Алфа фајл VTS-02-02

На снимката повторно се гледа влезот пред Прес салата, во централниот дел се гледа напред помеѓу луѓето обвинетиот Вилијам Михајловски со грбот свртен према камерата, со црна маица со бел натпис на позадина на грбот, со црвена блуза врзана на половината, лево дијагонално во позадина свртен странично се гледа обвинетиот Оливер Поповски, позади него во левиот дел на снимката со грбот свртен према камерата се гледа

обвинетиот Влатко Трајковски со црна блуза со долги ракави и зелено маскирно елече.

00:03 Во долниот десен дел на снимката се гледа обвинетиот Младен Додевски со грбот свртен према камерата, со црна фантомка на главата, со сива маица со кратки ракви и сини бермуди. Се гледа обвинетиот Стефан Младеноски во горниот десен дел на снимката со црно безбол капче, црна фантомка, црна блуза како со пластично шише фрла према вратите од Прес салата.

00:10 Луѓето кои што се влезени во овој дел во овој хол се приближуваат непосредно пред вратите на Прес салата вклучувајќи ги и обвинетите кои претходно се наведени.

00:18 Се гледа скокање на лице со црна фантомка на главата и црна блуза и бела капуљача, а тоа е обвинетиот Захарие Симовски.

00:20 Се гледа дека вратата е отворена од Прес салата, луѓето се приближуваат према истата, се гледа туркање на луѓето непосредно пред вратата, од левата страна на вратата се гледа едно од лицата од собраниското обезбедување со седа коса и очила на себе свртен странично, а покрај десната врата гледано према снимката стои машко лице кое исто така, во цивилна облека, кое исто така е дел од обезбедувањето, а на претходните снимки беше во придружба на обвинетиот Оливер Поповски со темно сино елече и сина маица со кратки ракави, луѓето поминуваат покрај нив, се буткаат за да влезат внатре, а во централниот дел на снимката во 00:24 се гледа обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка и сива  маица свртен со грбот према камерата.

00:28 Се гледа како лице од десната страна пред вратите на Прес салата гледано према снимката фрла со предмет према отворената врата, во левиот агол на снимката пред обвинетиот Младен Додевски се гледа и обвинетиот Игор Југ со грбот свртен према камерата со црна маица на себе и истиот се упатува према влезот на Прес центарот, а во внатрешната страна на Прес центарот се гледаат пратеници.

00:33 Се слуша свиркање на луѓето кои што се влезени во холот и се пробиваат према Прес салата, се фрлаат предмети према влезот према вратата на Прес салата, лево од обвинетиот Игор Југ гледано према снимката стои обвинетиот Вилијам Михајловски со црна маица и сребрен ланец на вратот.

00:48 Се гледаат две лица кои стојат на влезот од Прес салата свртени со лицата према луѓето се обидуваат да ги спречат да не влезат, но се гледа дека луѓето кои што стојат пред вратите се буткаат и се упорни да влезат внатре.

00:57 Се слуша звук на кршење на нешто, луѓето и понатаму нешто извикуваат, не може да се слушне јасно што, со рацете мафтаат нанапред свртени со погледите према влезот на салата.

01:01 Се гледа како влегуваат внатре, помеѓу масата народ има и лица со фантомки на главите.

01:19 Се слушаат пцовки, покрај левиот дел на вратата гледано према камерата излегуваат новинари и кажуваат дека се новинари, а покрај нив луѓето и понатаму влегуваат внатре во Прес салата, во горниот дел на снимката се гледа како некое лице држи предмет во рацете и со истиот замавнува.

01:33 Се слуша во позадина глас кој вика „Убиј ги", повторно се слуша неколку пати истото.

01:45 Во предниот дел на снимката со лицето свртен према камерата се гледа обвинетиот Стефан Младеноски како излегува од Прес салата со црна фантомка на главата и црно безбол капче.

01:49 Во горниот внатрешен дел на снимката се гледа како луѓе фрлаат према пратениците кои стојат покрај десниот дел од оваа просторија гледано према камерата, се гледа раскрвавено машко лице во дел каде што стојат пратениците, луѓето влегуваат и понатаму во оваа Прес сала, се слушаат пукотници, се гледа лице со црна фантомка на главата и темно сина маица свртено со лицето према камерата, се гледа присуство и на новинари, а воедно дел од луѓето кои што влегуваат во салата снимаат со мобилните телефони, во левиот горен дел на снимката свртен странично према камерата се гледа и обвинетиоит Захарие Симовски со црна фантомка, црна блуза и бела капуљача.

01:56 Се гледа обвинетиот Захарие Симовски како со предмет фрла во делот каде што стојат пратениците.

02:07 Се гледа фрлање на предмет према делот каде што стојат пратениците, помеѓу нив се гледа пратеникот З.З. со раскрвавено лице, пратеникот А.К., Д. М., се гледаат лица од обезбедувањето кои што стојат пред пратениците, двете лица едното со црна јакна кожна и другото со модра кошула се обезбедување на пратеникот З. З., а пред нив со лицето свртен према камерата се гледа лицето во цвивилна облека кое е исто така дел од обезбедувањето во Собранието со темно сино елече и темно сина маица. Лицето од обезбедувањето на пратеникот З. З. со кожна јакна се гледа дека е раскрвавен по главата. Во позадина се гледа и пратеникот О. С.. Луѓето зимаат предмети и фрлаат према пратениците, се слушаат удари, викотници, се гледа како луѓето стојат пред пратениците, нешто им викаат.

02:45 Се гледа буткање на машко лице према делот каде што стојат пратениците. И понатаму се гледа фрлање на предмети према пратениците.

02:54 Се гледа како машко лице го удира во лицето пратеникот Д. М.. И понатаму пратениците стојат во ќош од Прес салата, многу луѓе стојат пред нив кои што постојано нешто викаат према нив, фрлаат предмети, се слуша скандирање „М., М.“.

02:56 Се гледа фрлање на сталак према пратениците.

03:00 Се гледа фрлање на столица према пратениците, во предниот дел се гледа лице со фантомка со грбот свртено према камерата, со темно сина јакна, лево од него се гледа обвинетиот Игор Југ во непосредна близина на пратениците, во горниот дел покрај ѕидот се гледа пратеникот Д. М. со раскрварен нос.

03:10 Во десниот агол на снимката се гледа пратеничката Р. Ш. како со рацете се држи за главата, од нејзината десна страна има машко лице со бела кошула, а пред нејзе има повозрасно машко лице со бела коса и светла кошула.

03:13 Возрасното машко лице со бела коса се гледа како ја фаќа за глава поточно за коса пратеничката Р. Ш. и ја повлекува надолу ја удира, уште еднаш ја удира откако таа се наведнува надолу.

03:18 Се гледа како од Прес салата излегува лице со црна фантомка и црна маица со кратки ракави со бројот 46 на предната страна на маицата.

03:20 Се гледа како излегува од Прес салата пратеничката Р. Ш. со крв на главата, со рацете се држи за главата и во левата рака држи женски чевли со висока штикла црни, ја придржува машко лице со светло сина кошула со очила и брада на лицето.

03:23 Додека излегува пратеничката поминува покрај обвинетиот Влатко Трајковски кој од нејзината лева страна се гледа дека нешто и кажува во моментот кога таа поминува покрај него по што со десното рамо, десната рака ја турка, ја бутнува, ја удира, со лактот од десната рака ја удира, а во левиот преден дел на снимката со лицето свртено према камерата со црна фантомка, црна торбичка преку рамото, црна маица се гледа обвинетиот Илија Славевски.

03:31 Во предниот лев дел на снимката се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски, позади него десно дијагонално се гледа обвинетиот Оливер Поповски, а во предниот десен дел на камерата се гледа лицето со црна фантомка, црна маица со бројот 46 на маицата, а во истиот момент обвинетиот Влатко Трајковски влегува во Прес салата.

03:33 Се гледа обвинетиот Оливер Поповски како стои странично пред влезот на Прес салата каде внатре и натаму продолжува тепањето на пратениците, централно пред камерата се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со грбот свртен према камерата, со црна маица и бел натпис позади на грбот по што во 03:37 се гледа дека обвинетиот Оливер Поповски влегува внатре во Прес салата, позади него е обвинетиот Вилијам Михајловски, во моментот кога тој влегува внатре лице со

фантомка на главата фрла со некаков предмет према пратениците, а обвинетиот Оливер Поповски заминува лево гледано према камерата позади луѓево, а обвинетиот Влатко Трајковски се гледа дека е влезен внатре во Прес салата.

03:47 Во централниот дел на снимката со грбот свртен према камерата се гледа обвинетиот Игор Југ, истиот разговара со лицето со црна фантомка и темно сина маица со кратки ракави, напред, понатаму се гледа фрлање на предмети према пратениците.

03:54 Позади луѓето се гледа и обвинетиот Вилијам Михајловски со грбот повторно свртен према камерата со црна маица и бел натпис, а во предниот лев дел покрај црвениот ѕид се гледа и лице од собранискoто обезбедување со седа коса и очила на себе.

04:14 Во десниот дел на снимката се гледа како лице со фантомка на главата се качува на нешто, до него, лево од него стои уште едно лице со црна фантомка, црна маица и црни трегери, а лево од тоа лице е и обвинетиот Игор Југ.

04:24 Се гледа обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство внатре во Прес салата со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави, црна апликација и црна торбичка преку рамото, во позадина се слушаат пцовки.

04:43 Пратениците и натаму стојат во ќошот од Прес салата, луѓето постојано извикуваат нешто према нив, стојат непосредно пред нив, се туркаат према нив, лица со фантомки се и натаму присутни во Прес салата, двете лица од обезбедувањето, едното во цивилна облека со темно сино елече и светло сина маица, а другиот во црн костим со седа коса и очила на себе стојат буквално помеѓу луѓето помеѓу кои има и лица со фантомки иако и тие се закануваат, викаат према пратениците не се гледа дека превземаат некакви дејствија да ги оттргнат од делот каде што стојат пратениците.

04:57 Во левиот дел од снимката пред црвениот ѕид странично свртен према камерата се гледа и обвинетиот Абдуљфета Алими со црн костим, истиот стои позади женско лице, разговара со неа, а во позадина се гледа раскрвавен пратеникот Д. М., до него, десно од него гледано према снимката се гледа раскрвавено уште едно лице кое држи хартија на главата, а во позадина лево гледано према снимката, лево од пратеникот Д. М. се гледа обвинетиот Оливер Поповски како прави гримаса на лицето и само си поминува во друг правец заминувајќи од делот каде што стојат пратениците и луѓето кои што и понатаму викаат и фрлаат предмети по нив.

05:12 Лицето од собранискoто обезбедување со седа коса и очила на себе нешто разговара со едно од лицата кои стојат пред пратениците, но само разговара, не превзема дејствија да го тргне од овој дел.

05:22 Се гледа машко лице со грбот свртен према камерата, со црна јакна и лик на позадина на јакната, со седа коса како со раката нешто покажува према пратениците, а одма пред него стои лицето во цивилна облека со темно сино елече и сина маица кој гледа во друг, во сосема спротивен правец од оној кој е свртен ова машко лице и со раката мавта према пратениците.

05:29 Пратениците и натаму стојат во ќошот од Прес салата, дел од нив се со раскрвавени лица, помеѓу нив се гледа и пратеникот З. З., и понатаму се слушаат викања и фрлања према нив. Луѓето пеат песна, лице со фантомка во 05:38 со раката нешто мафта према пратениците.

05:39 Во левиот агол на снимката се гледа како стои обвинетиот Абдуљфета Алими, позади него се пратеникот Д. М. со раскрвавен нос, позади него има уште еден пратеник, десно од него има лице, се наоѓа лице со раскрвавена глава, тоа е пратеникот М. Д..

05:52 Се гледа холот пред Прес салата каде и понатаму има присуство на луѓе кои што се влезени во Собранието.

05:58 Се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со лицето свртен према камерата.

Снимката е со времетраење од 6 минути.

Од оваа снимка јасно се гледа внатрешноста на Прес салата каде во еден ќош се наоѓаат пратеници, се гледа како по нив се фрлаат најразлични предмети а тоа се истите предмети кои ги посочуваа сведоците во нивните искази. Се гледаат раскрвавени глави на пратениците меѓу кои се З. З., Д. М., М.Д., А.К., тука е и О. С.. Додека се случува крвничкото тепање на пратениците обвинетите Оливер Поповски и Абдуљфета Алими не превземаат ништо туку едноставно само гледаат што се случува, дури во еден момент насилната толпа удира по пратениците обвинетиот Оливер Поповски само прави гримаса на лицето и само си поминува во друг правец заминувајќи од делот каде што стојат пратениците и луѓето кои што и понатаму викаат и фрлаат предмети по нив. Покрај нив има и лица со фантомки, но тие не преземаат ништо. Судот не може а тука да не го спомене бруталното однесување на насилната толпа, пред се делот кога пратеничката Р. Ш. со повреда на главата ја напушта Прес салата едно повозрасно лице ја влече за коса и ја удира. Воедно од оваа снимка јасно се гледа и нечовечкото однесување на обвинетиот Влатко Трајковски кој додека ја изнесуваат Р. Ш.  со десната рака ја удира. На снимката јасно се слушаат удари, викотници, а воедно се слуша како некој од насилната толпа извикува „Убијте ги“. Во Прес салата се гледаат обвинетите Вилијам Михајловски, Оливер Поповски, Абдуљфета Алими, Влатко Трајковски, Младен Додевски, Игор Југ. Од оваа снимка јасно се виде насилството кое се случуваше во Прес салата.

Снимка ТВ 24 -12Н, INSERTI SOBRANIE NEREDI.

На снимката се гледа главниот влез пред Собранието.

00:00:00 Во долниот десен агол на снимката со грбот свртен према камерата се гледа обвинетиот Богдан Илиевски со зелено капче на главата се движи према влезот на Собранието, се гледаат полициски службеници во панцири и шлемови на себе кои стојат странично од влезот, пред влезот се гледа поголем број на луѓе кои што извикуваат „Избори, избори“, имаат знамиња.

00:16:17 Се гледа влезот на Собранието, има бел чад на снимката, веќе е стемнето надвор, од левата страна се гледа полициски службеник со шлем на главата, разговара по радио врска, сеуште има луѓе пред Собранието.

00:21 Се гледа обвинетиот Владо Јовановски качен на нешто пред влезот на Собранието, се обраќа према народот кој што е пред вратите на Собранието, пее со нив заедно.

00:26 Се гледа внатре во Собранието, предните скали, од каде од левата страна гледано према снимката прв се симнува обвинетиот Никола Митревски без маска, со кренатa маска на горниот дел од главата, а десно од него се гледа обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство, со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави, црна апликција на предната страна и црна торбичка префрлена преку рамото, темни фармерки, истите се симнуваат по скалите, а пред нив стојат полициски службеници во маскирни униформи со шлемови и панцири на себе, обвинетиот Никола Митревски нешто разговара со нив.

00:29 Се гледа обвинетиот Стефан Младеноски веднаш позади еден од полициските службеници со црна блуза со долги ракави, црно безбол капче и црна фантомка стои позади полициските службеници на скалите, со десната рака повикува према луѓето да дојдат накај него.

00:29 На овој дел на снимката се гледа пратеникот Н. Т. како се поздравува со друго машко лице.

00:36 Се гледа како машко лице во сива тренерка со хоризонтални линии со капуљача пробува да помине позади полициските службеници кои стојат на скалите, но истите го оттргнуваат со рацете надолу, а од десната страна се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски, се гледа качување на луѓе по скалите од таа страна.

00:50 Се слуша скандирање на луѓето кои што се во долниот дел на Собранието „М., М.“, се гледа присуство на новинари.

01:01 Со грбот свртен према камерата се гледа обвинетиот Крсто Муковски непосредно пред црниот столб со лицето свртен према камерата се гледа пратеникот И.Д., а десно од него, а лево гледано према камерата се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ.

01:06 Во позадина се слуша глас, женски глас кој вика „Луѓе застанете не си одите“.

01:15 Се гледа движење од лево према десно гледано према камерата на лицето со црна фантомка и темно сина маица со кратки ракави.

01:19 Се гледа присуство на поголем број луѓе во долниот дел на Собранието и се слуша нивно извикување „Живи ќе ве јадеме“.

01:24 На почетокот од скалите се гледа обвинетиот Богдан Илиевски со десната рака кренато нагоре и свртен према луѓето што се во долниот дел на Собранието, а од неговата десна страна покрај него поминува обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка на главата, сива маица со кратки ракави со бел натпис и сини бермуди, обвинетиот Богдан Илиевски се обраќа со следните зборови према граѓаните „Еве го новиот Парламент, граѓаните на РМ“.

01:35 Се слуша скандирање на луѓето „М, М“, ракоплескања.

01:40 Се гледа пред главниот влез на Собранието.

Снимката е во времетраење од 1 минута и 44 секунди.

На оваа снимка јасно се гледаат обвинетите Никола Митревски, Вилијам Михајловски, Мунир Пепиќ и Младен Додевски. Од оваа снимка јасно се слуша како се извикува „живи ќе ве јадеме“.

Видео запис 24 Вести, INSERTI TEPACKA  2.mp4

Снимката ја покажува Прес салата внатре, се гледа буткање помеѓу луѓето кои што се внатре, се слуша викање.

00:16 Се гледа обвинетиот Игор Југ.

00:20 Се гледа лицето од собраниското обезбедување со црн костим, бела кошула, седа коса и очила на себе како со рацете прави движење на полека, полека према луѓето.

00:24 Се слуша викање во салата, се гледа како се креваат сталаци од камери, се гледа дека стојат лица во ќошот, во горниот ќош од снимката, се гледа дека сталакот се фрла према лицата кои што стојат во ќошот всушност таму стојат пратениците.

00:38 Во левиот дел на снимката се гледа повторно обвинетиот Игор Југ, а позади него повторно се гледа лицето од собраниското обезбедување со седа коса, црн костим, бела кошула и очила како повторно со рацете прави движење на полека према луѓето кои што се гледа дека фрлаат предмети по пратениците.

00:40 Десно од обвинетиот Игор Југ стои и обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со грбот свртен према камерата со црна фантомка на главата, бела маица, со црна торбичка префрлена преку рамото.

00:49 На снимката централно се гледа обвинетиот Игор Југ со подигната, со црна маица од десната страна над џебот во висина на задниот џеб се гледа црвен дел, а над него се гледа дел од темно сив или црн предмет, десно од него се гледа обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со црна фантомка на главата.

00:59 Се слуша викање и понатаму во салата, се гледа лицето со црна фантомка, тексас бермуди и темно сина маица во левиот дел на снимката свртен со грбот према камерата.

Снимката е во времетраење од 1 минута.

На оваа снимка која ја покажува внатрешноста на Прес салата се гледа обвинетиот Игор Југ при што од десната страна над џебот во висина на задниот џеб се гледа налепницата на фармерките, а над неа се гледа дел од темно сив или црн предмет. Воедно на снимката јасно се гледа фрлање на предмети кон пратениците кои се во ќош, а се работи за истите предмети кои се фрлаат кон пратениците, а кои предмети беа посочени и од сведоците во нивните искази кога зборуваат со какви предмети биле нападнати пратениците.

Видео запис 24 Вести, INSERTI TEPANJE NOV DAMJAN 27 04.mp4

На оваа снимка се гледа внатрешниот дел на Прес салата.

00:01 Во десниот агол на снимката се гледа пратеникот З. З. со раскрвавено лево уво, а се гледа и крв по неговата кошула, пред него стои лицето од неговото обезбедување, а пред него се гледаат луѓе, поголем број на луѓе, а во позадина се гледа присуство на новинари кои снимаат.

00:12 Во левиот агол на снимката се гледа пратеникот З. С., пред него стојат уште две машки лица во сиви костими.

00:17 Се слуша викање во салата, свирење со труби, во левиот дел на снимката се гледа дека е качено на нешто лице со црна фантомка на главата.

00:20 Се гледа едно машко лице како двете раце ги поставува на рамењата на машките лица кои што стојат пред пратеникот З. З. и нешто му се обраќа позади него има и други луѓе, а десно од ова лице кое што му се обраќа на пратеникот З.З. стои лицето во цивилна облека од обезбедувањето во Собранието со темно сино елече и посветла сива маица со кратки ракави, пред него има и други лица кои што се влезени во оваа Прес сала, но истиот не ги оттурнува.

00:29 Во горниот дел на снимката се гледа пратеникот П.Б., до него стои уште едно машко лице во сива маица со кратки ракави, се гледа дека лицето го бутка пратеникот до ѕидот.

00:45 Се гледа и друго машко лице кое со, на повисок тон се обраќа исто така на пратеникот З. З.

00:55 Во горниот десен дел на снимката се гледа присуство на повеќе луѓе, за момент се гледа некакво буткање во десниот агол горен, се гледа дека некој удира некого, но не може да се види кого, и друго лице замавнува према некој што стои во ќошот, се гледа дека лицето се наведнува надолу, четири лица го маваат ова лице со клоци, го дигаат покрај ѕидот каде што стои, тоа е пратеникот П. Б.

01:23 Се гледа машко лице кое со прстот и раката се заканува према пратеникот З. З., а пред него свртен со лицето према тоа лице стои обвинетиот Оливер Поповски, лицето се обидува кое што се закануваше према пратеникот З.З. се обидува да го оттргне лицето од обезбедувањето на пратеникот З.З., а обвинетиот Оливер Поповски само стои.

01:40 Се гледа и обвинетиот Абдуљфета Алими како стои со грбот свртен према камерата.

Снимката е со времетраење од 1 минута и 41 секунда.

Повторно на оваа снимка се гледа внатрешноста на Прес салата при што се гледа З.З. со раскрвавено уво и крвава кошула, се гледаат лица кои му се закануваат, а пред него се наоѓа лице од неговото обезбедување. Воедно се гледа и насилството врз пратеникот П. Б.. Во салата се гледа присуство и на обвинетиот Оливер Поповски кој сето она што се случува само го гледа и ништо не превзема. Во слата се наоѓа пратеникот З.С., но тука е и обвинетиот Абдуљфета Алими.

Видео запис од 24 Вести, TEPANJE VO SOBRANIE.mp4

И на оваа снимка се гледа внатрешниот дел на Прес салата, се гледа пратеникот З.З. 00:01 со раскрвавено чело, во негова позадина покрај ќошот на ѕидот стојат и други пратеници, а пред него се дел од луѓето кои што се влезени во Собранието, се слуша викање во позадина и во 00:04 од левиот дел на снимката се гледа обвинетиот Захарие Симовски како фрла предмет кон пратениците, истиот има црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела капуљача на задната страна и зелена маица која што се гледаше на видео снимките од записот „Дион“. Се гледа машко лице во 00:10 со бела кошула и со кратки ракави со сини линии на истата како прави движење на смирување пополека помеѓу пратениците и луѓето кои што се влезени во оваа Прес сала и замавнуваат према пратениците.

00:12 Се гледа возрасно машко лице како ја влече за коса пратеничката Р.Ш., ја удира надолу, во истиот момент во позадина се гледа фрлање на сталак од камера, во левиот дел на снимката во 00:18 се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со лицето свртено према камерата со црна маица со кратки ракави со што се гледа дека и тој се упатува на вратите да излезе низ Прес салата.

00:25 Се гледа како се поставуваат неколку комоди непосредно под балконот, а од балконот се симнуваат пратенички.

00:31 Во горниот дел на снимката се гледа отворена врата, две лица стојат пред вратата, пробуваат да ја спречат масата народ да не влезе внатре, едно од лицата од десната страна гледано према камерата е лицето од обезбедувањето на пратеникот З.З. во темно сина кошула, се гледа дека луѓето мафтаат со рацете навнатре.

00:39 Се гледа пробивање на луѓето внатре во Прес салата, истите со трчање се упатуваат во внатрешниот дел по што лицето од обезбедувањето се повлекува наназад, застанува пред пратениците, се гледа лице кое што замавнува со нозе према него, позади него пробува да го тргне друго машко лице во кожна јакна.

00:46 Централно се гледа обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка, бела маица со кратки ракави со црна апликација и црна торбичка префрлена преку рамото, во долниот десен агол странично се гледа и пратеникот З.З., се гледаат луѓе како во позадина фрлаат сталаци од камери.

00:52 Се гледа и обвинетиот Игор Југ како се упатува према делот каде што стојат пратениците, во позадина се гледа фрлање на стол, се гледа лице со црна фантомка и се гледа тепање.

00:54 Се гледа дека лицата кои први влегуваат во Прес салата се упатуваат точно во делот каде што стојат пратениците меѓу кои прв е и пратеникот З.З., започнуваат да удираат према нив вклучувајќи го и пратеникот З.З., се гледа дека две лица машки пробуваат да ги оттргнат, се гледа повлекување на пратеникот З.З. точно до ѕидот.

Снимката е со времетрање од 1 минута и 1 секунда.

Снимката ја покажува внатрешноста на Прес салата и тепањето на пратениците при што јасно се гледа З.З. со раскрвавено чело, а тука се другите пратеници кои се наоѓаат во ќошот. Повторно се гледа како се фрлаат предмети кон пратениците, а станува збор за сталаци од камери, столици. Воедно се гледа удирањето и влечењето за коса на Р. Ш.. Во салата се гледа присуството на обвинетите Игор Југ и Вилијам Михајловски. Впечатливо е дека лицата кои први влегуваат во Прес салата се упатуваат точно во делот каде што стојат пратениците меѓу кои прв е и пратеникот З. З., при што се гледа повлекување на пратеникот З. З. точно до ѕидот. Јасно може да се заклучи која била намерата на насилната толпа и кој бил таргет на насилниците.

Телевизија Алсат, фајл 680_5369.

На снимката се гледа внатрешниот дел на Прес салата, во првиот момент се гледаат новинари свртени со грб према камерата, се гледа поставени камери на сталаци, во левиот дел на снимката се гледа пратеникот З. С. како се движи према левиот дел на снимката.

01:05 Се гледа движење на еден од пратениците од задниот дел до средината на салата.

01:13 Се гледа влегување на лицето од обезбедувањето на пратеникот З. З. кој зборува на мобилен телефон, истиот нешто разговара и со пратеникот А. К. кој стои пред него, се гледа во долниот десен дел како поминува десно према лево пратеникот С. П.

01:50 Се гледа присуство на поголем број пратеници во салата меѓу кои З. З., Д. М., А. Г., Р. Ш., а воедно се гледа присуство и на новинари во оваа сала, истите снимаат дел од нив со мобилни телефони, сите се свртени со лицата према вратите од салата, се гледаат две машки лица како креваат една маса, ја поставуваат една врз друга, се качува едното машко лице со црвена блуза со долги ракави на една од масите по што се симнува за кратко, повторно се гледа преместување на една од масите, односно ја качуваат врз другите две кои беа претходно поставени, се слушаат гласови во позадина.

04:03 Во горниот дел се гледаат и други пратеници, а на масите кои што беа поставувани една врз друга се симнуваат пратенички, им помага пратеникот М. З., во позадина на, горе на балконот се гледа и пратеникот Ф.М., се гледа како пратеничките фрлаат ташни надолу и јакните надолу по што се симнуваат врз поставените маси една врз друга.

05:17 Се гледа отворање на една од вратите на Прес салата при што се гледа дека лицето од обезбедувањето на пратеникот З. З. со темно сина кошула со долги ракави со трчање се упатува према вратата, се гледа уште едно лице, се гледаат две лица на вратата пробуваат да ја спречат масата народ да не влезе внатре, се гледа и пратеникот Кирацовски кој пробува да им помогне на овие две лица да не ги пропуштат луѓето кои што упорно се буткаат да влезат внатре во Прес салата.

05:30 Се гледа пробивање на масата внатре во салата, меѓу првите се гледа лице со црна фантомка и црна облека на себе, десно од него обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со црна фантомка, бела маица со кратки ракави и црна апликација на предната страна, со темно сини фармерки, возрасно машко лице со бела брада и црна облека на себе, истите со трчање се упатуваат во предниот дел, поточно во делот каде што стојат пратениците по што се гледа дека лицето од обезбедувањето на пратеникот З. З. со темно сина кошула застанува пред нив, се бутка со нив, пробува да ги спречи да дојде пред пратениците.

06:01 Се гледа како едно од лицата кои што влегоа во оваа сала зима сталак и го фрла, се слуша викање внатре во салата, во предниот дел во салата.

06:12 Се гледа тепање помеѓу луѓето кои што влегуваат и лицето од обезбедувањето на пратеникот З. З.

06:14 Во левиот дел на снимката, странично свртен према камерата, се гледа обвинетиот Игор Југ, се гледа лица како замавнуваат према пратениците поточно према лицето од обезбедувањето на пратеникот З. З. кој се гледа дека возвраќа на ударите.

06:20 Се слуша викање внатре во салата, и понатаму се слуша пискање, женско пискање внатре во салата.

06:38 Во десниот дел на снимката се приметува како се приближува обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка, сива маица со кратки ракави и сиви бермуди, се гледаат лица како буткаат, маваат према пратениците.

06:46 Се гледа како едно од лицата замавнува со раката према лицето во темно сино елече, со светла сина маица со кратки ракави, во цивилна облека кој е дел од обезбедувањето во Собранието, се гледа фрлање на предмети према пратениците, во позадина се гледа пратеникот З. З. со раскрвавено лице, се слушаат звуци на сирена во салата.

07:16 Со лицето свртено према камерата со црна фантомка на главата, со црна блуза со бела капуљача во позадината, се гледа обвинетиот Захарие Симовски, истиот се движи према вратите од Прес салата во правец да излезе од Прес салата,  понатаму во салата се слуша викање, се гледа присуство на лица со фантомки, се гледа како лицата фрлаат со предмети према пратениците, се слуша скандирање на луѓето „М., М.“ при што се придвижуваат се поблиску према пратениците.

07:55 Се гледа фрлање на столица према пратениците, се гледа замавнување со сталак, луѓето зимаат предмети од подот, фралат према пратениците.

08:19 Се гледа лицето од собраниското обезбедување со седа коса, очила на себе, црн костим и бела кошула, со рацете прави движење на полека према луѓето кои фрлаат према пратениците, во позадина позади ова лице се гледа лице со раскрвавено чело во делот каде што стојат пратениците.

08:17 Во позадина се гледа и пратеникот, и обвинетиот Абдуљфета Алими кој се придвижува према делот каде што стојат пратениците, но и понатаму стои позади лицето од обезбедување со седа коса, не се приближува до пратениците, се слуша скандирање на „Избори, избори“.

08:38 Се гледа обвинетиот Абдуљфета Алими како стои со шише вода во рацете, а пред него луѓето фрлаат со предмети према пратениците.

08:57 Пратениците стојат потиснати покрај ѕидот, пратеникот З. З. со видно раскрвавено лице, пред нив стојат луѓе, викаат, дел од нив снимаат со мобилните телефони, лицето од собраниското обезбедување со седа коса и очила им зборува нешто на луѓето кои што се влезени, се гледа приближување на лица со фантомки према пратениците.

09:59 Се гледа лицето со црна фантомка, темно сина маица како се качува на една маса кој е свртен према пратениците, повторно започнува пеење на песна внатре во салата, песната „Едно име имаме“, луѓето со рацете кренати нагоре ја пеат, понатаму се слуша викање внатре во салата.

11:03 Се гледа движење на луѓе како излегуваат надвор од Прес салата, во моментот се снима ходникот пред Прес салата при што камерата е свртена према нозете на луѓето.

11:25 Се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со црна маица, со бела апликација на предната страна, темни фармерки и црвена блуза врзана на половината како се движи помеѓу луѓето, понатаму се слуша викање, се гледа како дел од луѓето се качуваат по скалите нагоре, во горниот дел од оваа снимка обвинетиот Вилијам Михајловски и понатаму стои во холот пред Прес салата, во горниот дел се гледа присуство на повеќе луѓе, се гледа некакво буткање.

12:29 Се слуша женско викање во позадина, камерата е свртена над нив према нозете на луѓето, всушност станува збор за вриштење женско, не за викање, тоа се слуша неколку пати, камерата и натаму е свртена во долниот дел од нозете на луѓето снима.

13:30 За цело време се слуша викање во позадина.

14:30 Се слуша машко викање во позадина „Убиј го“, камерата и натаму е свртена надолу према нозете на луѓето.

14:50 Во позадина се слуша машки глас како извикува „З. е тука“.

Камерата пред крајот се врти во горниот дел на холот, се гледа ѕидот.

Снимката е во време од 15 минути и 31 секунда.

На оваа снимка јасно се гледа насилството према птретениците кои се присутни во Прес салата, фрлање со предмети према нив, а се работи за истите предмети за кои зборуваат сведоците во нивните искази, меѓу кои сталаци од камери, столици. Во Прес салата се гледаат пратениците З.З., Д. М., А. Г., Р. Ш., З. С., А. К., С. П.. Воедно се гледа влегувањето на насилната маса во Прес салата, тука се и обвинетите Вилијам Михајловски, Абдуљфета Алими, Младен Додевски и Игор Југ. На оваа снмка јасно се слушна машко викање во позадина „Убиј го“, но и машки глас како извикува „З. е тука“, па повторно може да се заклучи дека токму З. З. е таргет на насилниците. Неколку пати на снимката се слушна женско вриштење.

ЦД МТВ 2 фајл SOBRANIE_27 04 2017 SLUCHUVANJA 2.

На почетокот од снимката се гледаат влезните скали во Собранието внатре во Собранието, се гледаат поголем број на луѓе како се качуваат по скалите нагоре, десно и лево над скалите се гледа присуство на полициски службеници со панцири и шлемови на себе, во левиот дел на снимката на левиот дел од скалите се гледаат од горе надолу обвинетиот

Горанче Анѓеловски без маска, со црна маица со кратки ракави, веднаш под него обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со голема бела хоризонтална линија на предната страна, под него се гледа и обвинетиот Никола Митревски без маска, со црно сива маица и црна блуза со долги ракави, се гледа буткање на луѓето и качување по скалите нагоре.

00:10 Лево на скалите свртени странично према камерата се виде и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка и сива маица со кратки ракави.

00:16 На левиот дел од скалите свртен странично према камерата се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски без фантомка, со тетоважа на десната рака и истиот повикува и им помага на луѓето да се качуваат нагоре, а во горниот дел се качуваат во холот „Длаборез“.

00:37 Се гледа лице со црна фантомка на скалите како со раката повикува према него, односно нагоре, а е свртен према луѓето кои се качуваат по скалите.

00:43 Во долниот дел на Собранието внатре се гледа присуство на поголем број луѓе, се слуша скандирање „М.“, дел од нив се гледа дека се качуваат по скалите нагоре.

01:17 Во моментот се гледа холот „Длаборез“, во левиот дел на снимката со грбот свртен према камерата во сив костим, се гледа обвинетитот Иван Цветановски, а во десниот краен дел на снимката, се гледа обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, без фантомка, со црна блуза со долги ракави црна торбичка префрлена преку рамото и темни фармерки. Во холот се гледа присуство на поголем број на луѓе кои што се влезени во Собранието, дел од нив со знамиња во рацете.

01:29 Повторно се гледа обвинетиот Стефан Младеноски со црно спортско капче на главата, без маска, со црна блуза со долги ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, темни фармерки.

01:34 Се гледа собраниската сала, во неа се гледа присуство на дел од луѓето кои што се влезени во Собранието.

01:55 Се слуша извикување „Победа, победа“, помеѓу луѓето во долниот централен ден на снимката се гледаат обвинетите Борис Дамовски и Богдан Илиевски.

02:13 Се гледа обвинетиот Владо Јовановски кој се движи лево према десно странично свртен према камерата.

02:17 Се гледа од скалите према долниот дел на Собранието влезот при што се гледа како по скалите се симнува обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со црна фантомка на главата, бела маица и црна торбичка префрлена преку рамото, пред него се гледа и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка, сива маица и десната рака ја потпира на

рамото на друго лице во сива облека и сива капуљача на себе, истите се движат према излезот на Собранието.

03:03 Камерата снима друга камера на која што се гледа пробивањето на вратите внатре во Прес салата.

03:25 Од другата камера се гледа како луѓето кои први влегуваат внатре во Прес салата замавнуваат со раце и нозе по пратениците, се гледа мавање и на други лица, како лицата се приближуваат према пратениците и лицата од обезбедувањето, маваат према нив со раце, се гледаат обвинетиот Игор Југ, обвинетиот Дејан Давидовски, се гледа мавање по пратениците истите пробуваат да излезат надвор од Прес салата, во позадина се гледа обвинетиот Захарие Симовски со црна блуза со долги ракави со голема бела хоризонтална линија на блузата, се гледа присутво на новинари кои го снимаат тепањето.

06:30 Се гледаат влезните, првите скали внатре во Собранието, на истите помеѓу луѓето се гледа обвинетиот Владо Јовановски, се гледа и присуство на полициски службеници со панцири на себе.

06:51 Во левиот горен дел на снимката на скалите се гледа обвинетиот Стефан Младеноски како ја повикува толпата нагоре, веднаш под него се гледа обвинетиот Никола Митревски без маска, во позадина исто така на скалите горе се гледа и обвинетиот Дејан Давидовски свртен странично со црна фантомка, бела маица со кратки ракави, пред нив се гледаат неколку полициски службеници со панцири и шлемови на себе, а во долниот дел се гледа присуство на поголем број луѓе кои се влезени во Собранието.

06:54 Во горниот дел на снимката на левиот дел од скалите се гледа како се качува и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка, сина маица со кратки ракави и сини бермуди, а кој, истиот поминува покрај обвинетиот Стефан Младеноски со црна фантомка, црно безбол капче, црна блуза со долги ракави, црна торбичка префрлена преку рамото и со двете раце кренати горе во воздухот.

07:09 Покрај снимката од десно према лево се гледа движење на две лица со црни фантомки на главите.

07:15 Во левиот дел на скалите позади полициските службеници се гледа обвинетиот Игор Југ со грбот свртен према камерата, се гледа и обвинетиот Никола Митревски без маска застана на скалите со црна фантомка, сива маица со кратки ракави, бела апликација и сини бермуди, се слуша скандирање „Избор,избори“

07:37 По скалите се качува обвинетиот Богдан Илиевски со зелено капче на главата, стои пред полициските службеници со панцири и шлемови на себе, а во позадина се гледа и обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка, бела маица и црна апликација на предната страна

07:41 Се гледа собраниската сала, во неа има присуство на голем дел на луѓето што се влезени во Собранието, во долниот лев дел свртени со

грбовите према камерите се гледаат обвинетите Владо Јовановски и Борис Дамовски.

08:15 Во горниот преден дел на камерата качен на некоја маса се гледа обвинетиот Влатко Трајковски со рацете кренати нагоре, со црна блуза со долги ракави и зелено маскирно елече.

08:49 Се гледа ракоплескање на луѓето кои што се внатре во собраниската сала, се слуша свиркање со свирчиња, и понатаму има голем број на луѓе кои што се влезени во Собранието, се гледа и присуство на лица со фантомки.

09:18 Се гледа обвинетиот Борис Дамовски качен на нешто, се обраќа према луѓето кои што се внатре по што истите скандираат, ракоплескаат, не може да се слушне што зборува, држи знаме во десната рака.

09:50 Се гледа влезниот дел од Собранието, во долниот десен дел се гледа присуство на полициски службеници кои стојат, а покрај нив поминуваат луѓе кои што се влезени во Собранието, на скалите во средниот горен дел на снимката со лицето свртен према камерата се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски и истиот разговара со друго лице, носи црна маица со кратки ракави, има тетоважа на десната рака.

10:13 Во моментот се снимаат влезните врати на Собранието пред кои стојат полициски службеници со панцири и шлемови, се гледа некакво туркање однадвор, се слушаат гласови „Ајде, ајде“ по што се гледа како влегуваат поголем број на луѓе, полициските службеници само стојат, луѓето и натаму влегуваат во Собранието.

10:37 Се гледа влегување на полициски службеници во маскирни униформи со панцири и шлемови на себе, истите се качуваат по скалите нагоре, се слуша скандирање на луѓето „Ууу“ додека влегуваат полициските службеници, горе на скалите додека полициските службеници влегуваат се гледа машко лице како вее знаме во рацете, а во позадина се слуша повторно скандирање „М., М.“, бројот на полициски службеници кои влегуваат во овој момент е поголем.

11:49 Се гледаат луѓе како стојат на скалите, повикуваат према нив, нешто скандираат, но не може да се слушне што скандираат.

12:00 Се гледа како тие луѓе со трчање се симнуваат надолу по скалите како да бегаат од нешто, а во позадина се појавуваат полициски службеници со маскирни униформи, шлемови и панцири на себе и штитови пред себе, се слуша истрел, пукотница во 12:25.

12:35 Се гледа обвинетиот Владо Јовановски како стои странично од скалите покрај полициските службеници. И понатаму се слуша викање на лица „Ајде, ајде“.

13:36 Во горниот дел на снимката се гледаат како се качуваат полициски службеници, си помагаат еден на друг да се качат во горниот дел, истите

имаат панцири и шлемови на себе и штитови. И понатаму се гледа голем број на луѓе кои што се влезени во Собранието.

14:10 Се гледа дека полициските службеници пробуваат да ги истуркаат од скалите луѓето кои што стојат, но се гледа дека луѓето пружаат отпор, се буткаат.

14:32 Се гледа чад во Собранието.

14:59 Се гледа надворешниот дел пред Собранието, фактички се гледа страничниот дел од Собранието.

15:23 Се слуша детонација, се гледаат полициски службеници пред страничниот влез на Собранието, на улицата има присуство на голем број на луѓе.

15:37 Се гледа движење на возило на Брза помош, повторно се слуша детонација и повторно 15:45 се слуша свиркање на луѓето, возилото на Брза помош пробува да се пробие према предниот дел на камерата.

16:19 Се слуша детонација повторно по што се слуша извикување на луѓето „Уаа“, на улицата се гледа бело комбе со отворени врати.

16:40 Повторно се снима внатрешниот влезен дел од Собранието, на скалите се гледа обвинетиот Владо Јовановски.

17:34 Се гледа буткање помеѓу луѓето кои што стојат на скалите и полициските службеници кои пробуваат да ги истурнат од скалите луѓето, се слуша викање во позадина „Ајде де, ајде де“, се гледа дека луѓето и понатаму се буткаат, пробуваат да се искачат по скалите.

18:19 Се слуша детонација по што се гледа бел чад, се гледа како полициските службеници се симнуваат надолу по скалите, не се гледаат повеќе луѓе по скалите.

19:29 Се слуша детонација внатре во Собранието, обвинетиот Владо Јовановски се гледа во десниот агол на снимката.

22:14 Во моментот не се гледа ништо на снимката, црн е екранот по што 22:21 се снима надворешниот дел пред Собранието, надвор е веќе темно, на улицата се гледа голем број на луѓе.

23:20 Повторно на снимката не се гледа ништо, црн е екранот.

23:34 Се продолжува со снимање на надворешниот дел од Собранието, се гледа странично од Собранието каде што се гледа црн чад. И натаму има присуство на голем број на луѓе пред Собранието.

25:09 Се снимаат внатрешноста на Собранието, се гледа луѓе како се пробиваат, влегуваат низ вратите, а покрај истите стојат полициски службеници кои ништо не превземаат.

34:57 На снимката се гледа обвинетиот Борис Дамовски напред пред Собранието со микрофон во раката, држи говор пред насобраните луѓе, се обраќа со зборовите „Ова што денеска се случуваше во Собранието за жал беше провокација на која некои потпаднаа и се случи насилство, насилството го осудуваме, упорноста е таа со која ќе се бориме, тука треба да бидеме заедно во голем број остануваме тука да го чуваме Собранието, чекаме на разврската од утрешната лидерска средба наводно, други информации ќе стигаат во текот на ноќта, важно е да бидеме тука и да издржиме“. Во позадина негова е обвинетиот Богдан Илиевски кој го зема микрофонот и се обраќа према луѓето „Ова Собрание сме сите ние, сите граѓани на РМ, ова Собрание е нашиот дом, законодавниот дом, во ова Собрание завршува нашата изборна волја и во ова Собрание не смееме да дозволиме никакви документи, платформи и декларации создавани било каде, затоа остануваме тука, остануваме тука и ова Собрание има да го одбраниме, ова Собрание е РМ“. Во позадина се слуша ракоплескање на народот и извикување „Така е“, „Нема попуштање, нема откажување, нема да им помине, да живее М., да сме живи и здрави, да живее М.“ по што има извикување и бодрење од страна на луѓето кои што се пред Собранието, се гледа зборување на машко лице, но не може да се слушне што точно зборува.

38:14 Се снима Градската болница, пред неа е возило на Брза помош, се гледа возило на МВР, излегува повредено лице во костим во придружба на две машки лица.

38:36 Се слуша детонација.

40:10 Се гледа како излегува повреден полициски службеник пред Градската болница, влегува внатре, се гледа движење на полициски службеници кои излегуваат од болницата, се носат повредени лица во болницата.

42:20 Се снима предниот дел пред Собранието, надвор и натаму има присуство на луѓе.

Снимката е со времетраење од 43 минути и 59 секунди.

На оваа снимка јасно се гледа како масата народ влегува во Собранието и се движат слободно додека присутните полициски службеници не превземаат ништо. На оваа снимка се гледа како масата народ се движи слободно и се качуваат во холот „Длаборез“. Јасно се виде присуството на лица со фантомки, но и присуството на обвинетите Игор Југ, Горанче Анѓеловски, Никола Митревски, Младен Додевски, Влатко Трајковски, а тука има присутни и новинари. Од оваа снимка јасно се виде како обвинетиот Горанче Анѓеловски ги повикува луѓето и им помага да се качат нагоре. Повторно и на оваа снимка се гледа нечовечкото и брутално однесување на толпата народ кои не само што со разни предмети фрлаат по пратениците, туку истите ги маваат истите со раце и нозе. Воедно на оваа снимка се виде како конечно доаѓаат повеќе полициски службеници

кои се обидуваа да ги отстранат луѓето од скалите. Конечно јасно се виде дека има повредени лица во Собранието меѓу кои и полициски службеници.

Видео запис со назив „Од Интернет“- фолдер You Tube-фајл PAMJE NGA KU DUKET ZAEV I GJAKOSUR.

На снимката се гледа знакот на телевизиската куќа ТВ 21, се снима влезниот дел внатре во Собранието, а во 00:16 се снима внатре во Прес салата, се гледа поголем број на луѓе кои се влезени во Прес салата, камермани како снимаат, пратениците се во горниот ќош од снимката, се гледа пратеникот З. З. дека е раскрварен во лицето, пред него во 00:43 се гледа како поминува обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со црна фантомка, бела маица со кратки ракави и црна апликација на предната страна, се слуша викање внатре во салата, 01:01 се гледа обвинетиот Игор Југ свртен према пратениците, лево од него е обвинетиот Дејан Давидовски исто така со грбот свртен према камерата, се гледа фрлање на предмети према пратениците, се слуша викање во позадина „М.“.

01:29 Се снима влезот во Собранието каде што има присуство на поголем број на полициски службеници, се слуша скандирање на луѓето внатре во салата „М., М.“, се гледа лице раскрвавено како се движи низ Собранието.

Снимката е во времетраење од 1 минута и 58 секунди.

На снимнката повторно се гледа Прес салата во која во еден ќош се наоѓаат пратениците меѓу кои и З. З. кој е со раскрвавено лице.Воедно се гледа и фрлањето на предмети према пратениците. Во оваа сала е присутен обвинетиот Игор Југ кој е свртен према пратениците.

Видео запис „Од Интернет“-фолдер You Tube-фајл З. во крв, пратениците од СДСМ и други нападнати во Собранието

На снимката се гледа внатрешноста од Прес салата.

00:05 Се гледа како обвинетиот Захарие Симовски со предмет фрла према пратениците со црна фантомка на главата, црна блуза со долги ракави со бела капуљача и под црната блуза се гледа зелена маица по што заминува према левиот дел од камерата.

00:12 Се гледа пратеничката Р. Ш. и возрасно машко лице како ја влече по косата и ја удира надолу, се гледа замавнување со сталак од камера.

00:22 Се гледа симнување на пратеничките од горниот дел од Прес салата.

00:30 Се гледа отворена врата од Прес салата, две лица стојат пред неа и се обидуваат да ги задржат луѓето од другата страна кои пробуваат да влезат внатре во Прес салата, меѓу нив се гледа и обвинетиот Дејан Давидовски меѓу првите кој што влегува со црна фантомка на главата, бела маица со кратки ракави, темни фармерки, се гледа како луѓето веднаш замавнуваат према пратениците и лицето од обезбедувањето на

пратеникот З. З., помеѓу првите луѓе кои се движат помеѓу пратениците 00:51 е обвинетиот Игор Југ, се гледа фрлање на столици, удирање, се гледа како го удираат пратеникот З. З.

Снимката е со времетраење од 01 минута и 01 секунда

Снимката ја покажува внатрешноста на Прес салата во која влегува дел од толпата народ, а меѓу нив е обвинетиот Игор Југ. Се виде удирање на З. З., но се виде и фрлањето со предмети кон пратениците. На снимката повторно се виде и Р.Ш. како возрасно машко лице ја влече по косата и ја удира надолу.

Видео запис со назив „Од Интернет“-фолдер YOU TUBE-фајл Насилства во Собранието.

00:01 На почетокот се снима собраниската сала и пратеникот Ф.М.како чита нешто, пратеничката Р. Д. го снима со мобилен телефон, а и други пратеници снимаат со мобилни телефони, се гледа пратениците како се застанати во собраниската сала.

00:19 На камерата се гледа телевизор на кој што пишува обид за државен не се гледа зборот, па Собрание, стојат луѓе пред него и снимаат со мобилни телефони, а на снимката се гледа како луѓе се приближуваат кон вратите на Собранието.

00:22 Се снима изјава на пратеникот З. З.

00:33 Повторно се снима внатрешноста на Прес салата, меѓу првите луѓе се гледа обвинетиот Дејан Давидовски кој е во бегство со црна фантомка, бела маица со кратки ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, се гледа фрлање со сталаци од камери, викање.

00:40 Се гледа обвинетиот Игор Југ како се приближува према пратениците, меѓу првите од пратениците е пратеникот З. З.

00:58 Во средниот дел се гледа обвинетиот Захарие Симовски свртен странично према камерата со црна фантомка, црна блуза и бела капуљача.

01:06 Се гледа како обвинетиот Захарие Симовски фрла со предмет према пратениците, се гледа пратеникот З. З. со раскрвавено лице, се гледа мавање на пратеници во десниот дел на снимката при што дел од нив маваат со сталак од камера, а се гледа дека таму стои пратеничката Р.Ш.

01:24 Се гледа лице со темно кафеава јакна свртен со грбот према камерата како со сталак од камера ја мава по глава пратеничката Р. Ш., јакната на лицето кое што ја мава пратеничката со сталак од камера е зелено-кафеава. Повторно се гледа возрасното машко лице кое што ја влече за коса и ја удира надолу.

Снимката е со време траење од 1 минута и 38 секунди.

Почетокот на снимката е од собраниската сала каде се гледа присуство на повеќе пратеници додека пратеникот Ф. М. нешто чита, а потоа повторно се гледа внатрешноста на Прес салата. Од оваа снимка повторно се гледа тепањето на пратениците со разни предмети, а воедно се гледа раскрвавеното лице на З. З., но тука се гледа повторно удирањето на Р. Ш. со сталак од камера.

ЦД Сител Внатре фајл 022G6086_01.

На снимката се гледа внатрешноста на Прес салата, се гледа пратенички како се симнуваат од горниот дел на Прес салата на масите кои што се поставени една врз друга на долниот дел од пресот, а се снима од позади каде што стојат пратениците покрај ѕидот, во левиот агол на камерата се гледа пратеникот З. С.

01:15 Се гледа отварање на вратата од Прес салата, престанува симнувањето на пратеничките од горниот дел, од доле им вика пратеничката Р. Ш. да почекаат да не се симнуваат, се гледаат луѓе пред влезната врата од Прес салата и тоа се гледаат луѓе со фантомки влегуваат внатре 01:56, одма замавнуваат према пратениците, маваат со сталаци, се упатуваат према пратеникот З. З., маваат према него, пратениците се бранат сами, пред нив се гледа едно лице од обезбедувањето, но не ги оттурнува луѓето, се гледа само лице во кожна јакна кое што возвраќа на ударите од луѓето, лицето од обезбедувањето на пратеникот З.З. исто така како и десно од него лице во светла кошула, машко лице, во овој момент покрај пратениците, односно пред нив не се гледа ниту едно лице од собранискoто обезбедување.

02:25 Во горниот десен дел на снимката се гледа лицето од собранискoто обезбедување со седа коса, црн костим, бела кошула и очила како во тој момент полека се приближува во правец према пратениците, помеѓу луѓето напред се гледа обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка, бела маица, се гледа машко лице со сталак како фрла према пратениците, се гледа фрлање на столица према пратениците.

02:30 Од левиот дел на камерата нагоре се гледа обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка, црна торбичка преку рамото, црна маица со кратки ракави, се фрлаат и понатаму сталаци од камери према пратениците и разни други предмети, се гледа возрасно машко лице како држи горен дел од столица и се упатува према пратениците, се гледаат пратениците П. Ш. и З. С.

02:53 Во десниот агол се гледа обвинетиот Игор Југ со лицето свртен према камерата, веднаш десно од него лево гледано према камерата се гледа обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, пред нив лицето од собранискoто обезбедување со седа коса, црн костим ништо не прави тие само поминуваат покрај него, се слуша викање внатре во салата, повторно се гледа обвинетиот Игор Југ и обвинетиот Дејан Давидовски свртени со грбовите према камерата, истите се во непосредна

близина пред пратениците, се слуша ракоплескање внатре, викање, 03:49 се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски внатре во Прес салата.

03:58 Камерата снима одозгора према надоле, во десниот агол се гледа обвинетиот Влатко Трајковски со грбот свртен према камерата со црна блуза со долги ракави и зелено маскирно елече, лево од него во средниот дел од симката се гледа обвинетиот Игор Југ.

04:00 Во левиот горен дел на камерата се гледа како стои обвинетиот Абдуљфета Алими, истиот е свртен према пратениците, гледа што се случува, не превзема никакви дејствија, стои.

04:17 Се гледа дека пратеникот З. З. е раскрвавен на челото, има крв на предниот дел на кошулата, пред него има уште едно лице раскрвавено со црна кожна јакна.

04:33 Лево од нив се гледа обвинетиот, лево од нив гледано према народот отпозади обвинетиот Абдуљфета Алими се гледа обвинетиот Оливер Поповски кој исто така стои и гледа што се случува, во десниот агол повторно се гледа обвинетиот Влатко Трајковски.

04:38 Се гледа гушкање помеѓу пратеникот З. З. и М. Д.. И понатаму внатре се гледа присуство на лица со фантомки, во долниот десен агол и понатаму е обвинетиот Игор Југ, лице со црна фантомка, темно сина маица и тексас бермуди се качува на една од масите, лицата и понатаму викаат, мавтаат со рацете према пратениците, обвинетиот Влатко Трајковски во 05:29 се пробива непосредно пред пратениците, во позадина лево во горниот дел се гледа како стои обвинетиот Оливер Поповски, се гледа пратеникот Д. М. со раскрвавен нос, пратеникот М. Д. со ракрвавено чело.

Видео записот е во траење од 6 минути.

На снимката јасно се гледаат повредени пратеници меѓу кои З. З., М. Д., Д. М., но тука се и П. Ш., З. С.. Додека насилната маса ги тепа пратениците и фрла со најразлични предмети по нив обвинетите Оливер Поповски и Абуљфета Алими како и други лица од собраниското обезбедување само немо набљудуваат што се случува и ништо не превземаат. Во салата се присутни обвинетите Вилијам Михајловски, Влатко Трајковски и Игор Југ.

Снимки од мобилен телефон, фајл 20170427_193520

На снимката се гледа внатрешноста од Прес салата.

00:01 Во горниот дел на снимката точно пред црвениот дел од ѕидот странично свртен према камерата се гледа обвинетиот Јане Ченто. Истиот со погледот е свртен према пратениците, истиот се приближува према левиот дел од камерата. На оваа снимка се гледа тепањето на пратениците, фрлањето со предмети према нив. Во левиот агол пред точно пред црвениот дел од ѕидот се гледа лицето со црна фантомка,

темно сина маица, до него има уште едно лице со црна фантомка на главата.

00:40 Во левиот дел на снимката повторно се гледа обвинетиот Јане Ченто, се приближува помеѓу луѓето по што се приближува повторно према левиот дел од снимката, се слушаат гласови „Удри“.

01:00 во левиот дел на снимката се гледаат како стојат еден до друг обвинетиот Игор Југ и обвинетиот Јане Ченто по што обвинетиот Јане Ченто се приближува нанапред према пратениците и со прстот нешто покажува према нив по што се враќа наназад.

01:12 Се гледа фрлање на монитор према пратениците, во десниот горен агол се гледа пратеникот З. С., а во левиот дел на снимката свртен странично се гледа повторно обвинетиот Јане Ченто.

Снимката е во времетраење од 1 минута и 32 секунди.

На оваа снимка повторно се гледа фрлање на предмети кон пратениците, а меѓу тие предмети е и монитор. Од обвинетите на оваа снимка се гледаат Јане Ченто и Игор Југ, а воедно тука е и пратеникот З. С.. Воедно на снимката јасно се слуша како се повикува масата на насилство, а поточно се слуша како некој вика „удри“.

Снимки од мобилен телефон фајл 20170427_193815.

На снимката се гледа внатрешниот дел на Прес салата, се гледа како пратениците се потиснати покрај ѕидот од луѓето кои што се влезени во Прес салата, се гледа пратеникот В. Ѓ. како стои пред пратениците и се обидува да ги оттурне луѓето, во десниот дел се гледа лице со црна фантомка на главата како се пробива меѓу првите редови, во позадина се гледа и пратеникот З. С. со раката се држи за главата, се гледа фрлање на предмети према пратениците, лице со сива горна тренерка и капуљача со стап мава према пратениците, машко лице со знаме замавнува према пратениците, се гледа како лица се закануваат према пратениците.

01:30 Во горниот десен дел на снимката се гледа обвинетиот Јане Ченто, истиот е свртен према пратеникот З.З., се гледа дека нешто му зборува, понатаму продолжува тоа со прстот вперен према него и во 01:43 се гледа дека обвинетиот Јане Ченто го снемува во десниот дел на снимката, а пратеникот З. З. се наведнува одеднаш надолу и со двете раце се фаќа за стомакот. Во моментот кога од видот на снимката се трга обвинетиот Јане Ченто се гледа како со ногата удира во стомакот на пратеникот З. З. по што тој веднаш се наведнува наназад и двете раце ги става на стомакот.

Снимката е со време траење од 1 минута и 43 секунди.

На оваа снимка јасно се виде насилното однесување на обвинетиот Јане Ченто кој со нога удира во стомакот на З. З. по што истиот веднаш се наведнува наназад и двете раце ги става на стомакот. Повторно се гледа

фрлање на предмети кон пратениците, а се гледа како З. С. се држи за главата.

Снимки од мобилен телефон, Фајл 20170427_195510.

На оваа снимка се гледа внатрешноста на Прес салата, се гледа пратеникот В. Ѓ. како стои пред пратениците, во моментот не се гледаат лица од собраниското обезбедување пред пратениците.

00:30 Се гледа обвинетиот Игор Југ, се слуша викање, се гледаат лица со фантомки пред пратениците како стојат, лице качено на маса во црна маица без ракави, црна маска на главата се заканува со раката према пратениците 01:20.

01:30 Во позадина се слуша викање на женски глас, се гледа машко лице како ги повикува лицата кои што се во горниот дел од салата да се симнат надолу по што луѓето започнуваат да ја пеат химната на РМ.

Снимката е со времетраење од 2 минути и 3 секунди.

Оваа снимка е од внатрешноста на Прес салата во која се гледа дека се наоѓаат пратениците, но се гледа присуство и на лица со фантомки, а тука е и обвинетиот Игор Југ.

Снимки од мобилен телефон, Фајл  20170427_203017.

На снимката се гледа холот пред Прес салата, се гледа чад во горниот десен дел, се гледа предмет нагоре како го креваат луѓето према скалите, се слуша викање во позадина, се гледа фрлање со дрвен стап, со столица, луѓето фрлаат према горниот дел од снимката, во долниот дел на снимката паѓа едно лице надолу по што другите му помагаат.

01:07 Се гледа обвинетиот Вилијам Михајловски со цигара во устата, го гледа лицето кое што е на подот.

01:35 Се слуша силна детонација по што се гледа чад во горниот дел на снимката, а потоа веднаш се гледа влегување на полициски службеници со шлемови, панцири и штитови на себе, едниот од нив има и камера во рацете, се гледа дрвена скала на подот, се слуша викање на луѓе „Застанете“, се гледа влегување на полициски службеници во темно сини униформи со црни, со шлемови и оружје со себе, се гледа полициски службеник како со пендракот замавнува према вратата во левиот дел на ходникот гледано према снимката.

02:37 Се гледа фрлање на противпожарен апарат према полициските службеници кои што се во холот пред Прес салата, непосредно пред вратата од левата страна на ходникот гледано према снимката се гледа фрлање на предмети врз главите, столица према полициските службеници од кои што еден е удрен по главата, се слуша кршење на стакла, се гледаат полициски службеници со штитови како стојат пред вратата од левата страна на ходникот, а во 03:22 од десната страна гледано према снимката се гледа доаѓање на повеќе полициски

службеници со панцири и шлемови и дел од нив имаат штитови во рацете, истите се движат према вратата од левата страна на ходникот гледано према снимката, во позадина се гледа обвинетиот Игор Југ, се гледа буткање на луѓето од страна на полициските службеници, помеѓу луѓето кои што се буткаат е и обвинетиот Игор Југ, се гледа повлекување на делот од полициските службеници према десниот дел од снимката, стојат со штитовите пред себе, помеѓу полициските служеници се гледа сведокот В.Н., истите влегуваат, пробуваат да излезат низ левата врата од ходникот гледано према снимката, на снимката и понатаму се гледаат луѓе кои се влезени во Собранието, полициските службеници ги истиснуваат према ѕидот.

Снимката е со времетраење од 5 минути и 19 секунди.

Снимката е во холот пред Прес центарот кога доаѓаат полициските службеници меѓу кои е и сведокот В. Н. Насилната толпа се однесува агресивно и према полициските службеници и према нив фрлаат со најразлични предмети при што јасно се виде како еден полициски службеник е удрен по главата.

Видео запис Телма ЦД 4А, фајл Sobranie Nadvor Vnatre vleguvanje1.

На снимката се гледа главниот влез на Собранието, пред истиот има поголем број на луѓе, се гледа помеѓу нив присуство и на новинари, се слушаат пцовки, се гледа движење на луѓето према страничниот дел од Собранието во 00:35, на левиот дел од снимката се гледаат двајца полициски службеници со шлемови и панцири на себе стојат, поголем број на луѓе се точно застанати пред влезот на Собранието.

01:15 Се гледа излегување на тројца полициски службеници со панцири и шлемови, излегуваат од луѓето кои што стојат пред Собранието и се приближуваат пред камерата по што се приближуваат до полициските службеници што стојат покрај ѕидот на Собранието, се гледа дека има луѓе и на самите скали пред влезот на Собранието, се слуша викање, ракоплескање и се гледа во 02:15 влегување на луѓето внатре во Собранието, полициските службеници стојат и понатаму покрај ѕидот од Собранието и гледаат што се случува, се слуша викање на луѓе со скандирање „Избори, избори“ во 03:10, полициските службеници и натаму само стојат покрај ѕидот од Собранието покрај влезната врата.

03:37 Се гледа како обвинетиот Владо Јовановски влегува во Собранието помеѓу масата народ која што влегува.

04:22 Се гледа симнување по скалите надолу на полициски службеник.

04:31 Се гледа обвинетиот Богдан Илиевски како со раката ја подига капата нагоре и влегува внатре во Собранието. И натаму пред ѕидот на Собранието стојат неколку полициски службеници со панцири и шлемови на себе, шест се на број. Луѓето и натаму продолжуваат да влегуваат внатре во Собранието. Се гледа дека стојат полициски службеници на

горниот дел од скалите непосредно пред влезните врати од Собранието, а покрај нив и понатаму продолжуваат да влегуваат луѓе 06:26.

06:37 Се гледа внатрешноста на Собранието, во долниот дел на Собранието се гледа поголем, се гледа голем број на луѓе кои што се влезени, се веат знамиња.

06:54 На скалите десно се гледа како стои застанат обвинетиот Стефан Младеноски со црна фантомка, црно безбол капче, црна блуза со долги ракави, со лицето свртен према луѓето кои што се влезени во Собранието.

07:40 На скалите се гледа полициски службеник со панцир и шлем на себе и маскирна униформа, под него на скалите се гледа исто така уште еден полициски службеник.

08:12 Се гледаат обвинетите Никола Митревски без маска и Стефан Младеноски позади него со црно безбол капче, црна фантомка, црна блуза со долги ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, стојат на левиот дел од горните скали, обвинетиот Никола Митревски ги повикува луѓето према нагоре, истото го прави и обвинетиот Стефан Младеноски, позади нив е и обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка, бела маица со кратки ракави, црна апликација, по што истите се симнуваат надолу по скалите и продолжуваат да ги повикуваат луѓето према нив, а пред нив стојат неколку полициски службеници со маскирни униформи, шлемови и панцири на себе, при што во 08:28 се гледа како обвинетиот Никола Митревски се обраќа нешто на еден од полициските службеници, има некаква комуникација помеѓу нив, а обвинетиот Стефан Младеноски продолжува да ги повикува луѓето со раката по што во 08:33 фаќа, го фаќа полицискиот службеник за рака кој што стои пред него на скалите, а во позадина се гледа и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка, сива маица со кратки ракави, бела апликација и сини бермуди, обвинетиот Никола Митревски на средина од скалите со подигната фантомка на челото, а и обвинетиот Младен Додевски со неговата десна рака ги повикува луѓето према нагоре. Се гледа качување на луѓе по скалите нагоре, истите поминуваат покрај полициските службеници.

08:42 Се гледа обвинетиот Богдан Илиевски со десната рака кревата нагоре, во позадина се слуша зборот „Тишина“ неколку пати.

09:11 На скалите лево горе и понатаму се гледа обвинетиот Стефан Младеноски со црна фантомка, црно безбол капче и црна блуза со долги ракави, под него е обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка, сива маица и бела апликација на предната страна, а на почетокот на скалите се гледа како стои обвинетиот Богдан Илиевски, истиот се обраќа нешто према луѓето кои што се влезени внатре во Собранието.

09:10 Почнува обраќањето на обвинетиот Богдан Илиевски при што ги кажува следните зборови „Ако тие можат да се пикаат по ќошеви и да си гласаат парламент, можеме и ние овде“ по што се слуша викање на луѓето „Така е“, се слуша ракоплескање.

09:45 Се гледа вклучување на новинарка на Телма внатре од Собранието која што пренесува што се случува внатре.

10:41 Во предниот централен дел на камерата помеѓу луѓето се гледа како се пробива и обвинетиот Влатко Трајковски со грбот свртен према камерата, црна блуза и маскирно елече зелено.

11:22 На снимката на скалите покрај полициските, односно помеѓу полициските службеници поминуваат обвинетите од лево према десно, Н. М. без маска, со црна блуза со долги ракави, веднаш до него обвинетиот Стефан Младеноски со црна блуза со долги ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, црно спортско капче и црна фантомка, десно од нив е и обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка на главата, а позади нив пробивајќи се низ полициските службеници на скалите со грбот свртен према камерата се гледа и обвинетиот Младен Додевски со сива маица по што сите продолжуваат да се качуваат по левите скали нагоре, а обвинетиот Никола Митревски се симнува повторно долу, има некаква комуникација со еден од полициските службеници кој што е пред него, а позади него се симнува и застанува обвинетиот Стефан Младеноски со црна фантомка и црно безбол капче, а во средина позади полициските службеници се гледа и обвинетиот Дејан Давидовски со црна фантомка и бела маица со црна апликација. Се гледа качување на луѓе и по левиот дел на скалите.

11:53 Во горниот лев агол на снимката се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски, веднаш до него од неговата десна страна има лице со црна фантомка.

11:59 Исто така по левите скали се гледа како се качува и обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка, црна маица и црна торбичка префрлена преку рамото, се слуша викање на „Избори“ од страна на луѓето влезени во Собранието, неколку полициски службеници стојат на скалите, но и покрај тоа покрај нив поминуваат луѓе и се качуваат нагоре.

12:28 Се гледа обвинетиот Богдан Илиевски кој има некаква комуникација со полициските службеници.

12:34 Десно од обвинетиот Богдан Илиевски под полициските службеници стои лице со црна фантомка на главата, ова лице се гледа дека претходно има комуникација со обвинетиот Богдан Илиевски по што лицето со црна фантомка застанува свртен према луѓето во долниот дел на Собранието, ја крева фантомката на горниот дел од челото, десната рака исто така ја крева нагоре и нешто извикува, кажува, извикува „М., М.“ со рацете нагоре.

13:05 На скалите лево горе позади полициските службеници повторно се гледа обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка и сива маица и бела апликација на предната страна, на скалите во средина има уште едно лице со црна фантомка и црно капче. Камерата продолжува да снима во собраниската сала во 14:00 каде се гледа присуство на поголем број на

луѓе по што повторно се враќаат во предниот, почетниот дел од влезот на Собранието.

14:40 Левиот дел од скалите, се гледаат обвинетите Захарие Симовски и Младен Додевски со црни фантомки на главите, обвинетиот Захарие Симовски има црна блуза и бела капуљача во позадината, а обвинетиот Младен се гледа дека има сива маица.

15:39 Се гледа движење на лице со црна фантомка на главата према камерата, се разминува, по скалите се гледа како се симнува пратеникот Н. Т.

16:08 Непосредно пред скалите свртен со грбот према камерата се гледа обвинетиот Игор Дурловски со бела маица со кратки ракави, истиот разговара со дел од луѓето кои што се влезени во Собранието.

16:39 Позади новинарката поминува обвинетиот Захарие Симовски со црна фантомка на главата, црна блуза, бела голема хоризонтална линија на предната страна, ја додира новинарката по рамена за да се разминат, по што во 16:59 новинарката му се обраќа на обвинетиот Игор Дурловски го прашува што се случува, но истиот не и одговара и кажува дека има поважна работа, натаму не се слуша што и кажува.

18:03 И понатаму се гледаат полициски службеници како стојат на горниот дел од скалите, со панцири и шлемови покрај нив поминуваат луѓе, се качуваат нагоре, а помеѓу нив е и обвинетиот Вилијам Михајловски, а помеѓу нив поминуваат луѓе со фантомки, а полициските службеници не превземаат никакви дејствија, само стојат, качувањето на луѓето по скалите покрај полициските службеници и натаму продолжува без да има било каква реакција од страна на полициските службеници.

19:44 Се гледа како со трчање лице со фантомка на главата се приближува према скалите, се бутка на кратко со еден од полициските службеници по што продолжува да се качува нагоре, а полициските службеници и натаму остануваат да стојат гледајќи ги луѓето што се во долниот дел на Собранието.

20:37 Се гледа обвинетиот Влатко Трајковски како поминува покрај камерата од лево према десно гледано према камерата. И натаму се слуша скандирање на „Избори, избори“.

21:02 Се гледа обвинетиот Крсто Мукоски на кого му приоѓа новинарката со прашање, но истиот ништо не одговара.

21:14 Покрај централно на снимката пред црниот столб се гледа и обвинетиот Мунир Пепиќ, а до него стоеше и пратеникот И. Д., обвинетиот Мунир Пепиќ се гледа како се движи помеѓу луѓето кои што се влезени во Собранието.

22:01 Се гледаат полициски службеници со шлемови и панцири на себе непосредно пред десната влезна врата во Собранието гледано према

камерата, истото и пред левата, а пред нив се гледа дека стојат и натаму поголем број на луѓе, се слуша скандирање „М., М.“ и на луѓето од надвор и на луѓето кои што се внатре во Собранието.

24:01 Се гледа пробивање на луѓе кои што стојат пред вратите на Собранието како влегуваат внатре, извикуваат „М., М.“, помеѓу нив има лица со црни фантомки на главите, истите се сликаат на горниот дел од скалите, едно лице кое што е качено на скалите внатре во Собранието ги повикува луѓето да се качат нагоре.

24:55 На горните скали и понатаму стојат полициски службеници во маскирни униформи со панцири и шлемови на себе, дел од нив со штитови, а покрај нив поминуваат лица со фантомки на главите. Снимката е со времетрање од 25 минути и 11 секунди.

Од оваа снимка се виде срамното однесување на полициските службеници кои се пред влезната врата на Собранието, но и на скалите кои само стојат додека покрај нив поминуваат луѓето кои се влезени во Собранието, а меѓу нив има и лица со фантомки, тие само немо го набљудуваат она што се случува во Собранието. Истите се со панцири и шлемови. На снимката јасно се видоа обвинетите Никола Митревски, Влатко Трајковски, Горанче Анѓеловски, Вилијам Михајловски како и Мунир Пепиќ. Воедно од оваа снимка неспорно произлезе дека обвинетиот Младен Додевски со неговата десна рака ги повикува луѓето нагоре, но и обвинетиот Никола Митревски ги повикува луѓето нагоре.

Видео запис Телма ЦД 4Б фајл Sobranie Nadvor Vnatre vleguvanje2

На снимката се гледа пратникот Н. Т. како му се обраќа новинарка на истиот, не одговара ништо, а се снима внатрешниот влезен дел од Собранието.

00:49 Се гледа како луѓе пробуваат да се пробијат по скалите нагоре, да ги избуткаат полициските службеници кои што стојат на горниот дел од овие скали, па полициските службеници ги буткаат луѓето надолу, но се качуваат се поголем број на луѓе, има туркање, по што 01:06 во десниот дел покрај скалите позади полициските службеници меѓу првите луѓе кои што успеваат да поминат позади полициските службеници е и обвинетиот Вилијам Михајловски кој застанува веднаш покрај левиот дел на скалите со грбот свртен према камерата. И понатаму има буткање помеѓу луѓето и полициските службеници, но тие успеваат да се качат нагоре по што полициските службеници престануваат да се буткаат со луѓето и истите продолжуваат слободно да се качуваат нагоре.

02:19 Се гледа дека неколку полициски службеници стојат позади црниот столб долу пред скалите, истите се со униформи, шлемови и панцири на себе.

02:51 Во задниот дел на снимката се гледа како се приближува према напред обвинетиот Јане Ченто со мобилен телефон во рацете при што за

момент застанува непосредно позади новинарката и повторно се враќа према правецот од каде што дојде.

04:09 Пред црниот столб во горниот лев дел на снимката повторно се гледа обвинетиот Јане Ченто, истиот разговара со некого, потоа повторно се гледа дека е со мобилниот телефон во рацете, се движи во средниот горен дел од Собранието.

05:14 Се гледа движење на обвинетиот Јане Ченто од десно према лево гледано према снимката, истиот зборува на мобилен телефон.

05:26 Луѓето кои што се во горниот дел, покрај скалите се вртат према долниот дел од влезот.

05:49 Покрај долната лева врата странично свртен се гледа обвинетиот Никола Митревски без маска, со црна блуза, црно сива маица, зелени патики.

06:23 Се гледа обвинетиот Јане Ченто како зборува со лице со знаме на грбот и црна капа на главата.

06:44 Се гледа обвинетиот Јане Ченто како зборува со пратеникот В. П.

07:40 Се гледа како влегуваат луѓе внатре во Собранието, поминуваат покрај полициските службеници кои стојат покрај вратите, а едниот полициски службеник се држи за очите кој што стоеше покрај вратите, луѓето и натаму влегуваат внатре, полициските службеници не превземаат никакви дејствија кои стојат покрај вратите, се слуша скандирање па во 08:20 повторно застануваат полициски службеници пред вратите од Собранието и го запираат влегувањето на луѓето внатре во Собранието, позади полициските службеници кои стојат пред вратите има и луѓе кои што се влезени во Собранието.

09:23 Се гледаат полициски службеници со панцири и шлемови како стојат на горните скали, во позадина се слуша викање „Ајде, ајде“ по што повторно се гледа како влегуваат луѓе внатре во Собранието, се слуша викање на „Уа“ од страна на луѓето кои што се внатре, на горните скали на почетокот се качуваат дел од луѓето кои што се влезени внатре во Собранието, пробуваат да се пробијат покрај полициските службеници, се качуваат се поголем број на луѓе, вршат притисок, буткаат по што успеваат да се качат нагоре по скалите.

10:46 Покрај десниот дел од скалите помеѓу луѓето кои што се качуваат се гледа и обвинетиот Јане Ченто со грбот свртен према камерата со црна јакна, брада на лицето.

10:58 На скалите се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски без маска, странично свртен према камерата, со тетоважа на десната рака, црна маица со кратки ракави, позади него има лице со црно елече, црна маица со кратки ракави, црна капуљача, со десната рака кремата нагоре по што се гледа дека и обвинетиот Горанче Анѓеловски се качува нагоре по

скалите, се слуша скандирање на „М., М.“ од луѓето кои што се внатре во Собранието и понатаму се качуваат по скалите нагоре, дел од нив носат знамиња во рацете.

12:02 Се гледа влегување со буткање на поголем број на луѓе низ влезните врати од Собранието, истите продолжуваат да се качуваат нагоре по скалите.

13:36 Се гледа поставување на полициски службеници непосредно пред влезната врата на Собранието гледано према камерата, се гледа доле присуство и на сведокот В. Н.

15:28 Од левиот дел на скалите се симнува надоле обвинетиот Горанче Анѓеловски без маска, со црна маица, со сива долна тренерка.

15:51 Во десниот агол на снимката се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски.

16:24 Се гледа симнување на луѓе од горните скали, едно лице е раскрвавено во предниот дел на лицето.

16:39 Со грбот свртен према камерата во десниот агол на снимката се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски.

17:30 Повторно има обраќање на новинарката во живо, објаснува што се случува внатре.

18:25 Се гледа симнување на луѓе по скалите.

18:48 Се гледа обвинетиот Богдан Илиевски како зборува на мобилен телефон.

19:23 Во горниот дел на скалите се гледаат обвинетите Никола Митревски, со црната фантомка качена на челото, подигната на челото, црна блуза и црно сива маица, а веднаш до него е и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка и сива маица.

19:28 По скалите се симнува и обвинетиот Михаел Младеноски со црна фантомка, со црна маица со кратки ракави, црна торбичка префрлена преку рамото, позади него е и обвинетиот Стефан Младеноски со црна капуљача на главата, црно спортско капче, без фантомка, до нив е и обвинетиот Младен Додевски, зад нив е уште едно лице со црна фантомка, сите се симнуваат надолу по скалите, па како што се симнуваат има ракоплескање од луѓето што се внатре во Собранието и свирење со свирчиња, ги отпоздравуваат, има и аплауз, едно од лицата веќе се симнува по скалите, со десната рака скандира нагоре.

20:18 Повторно се гледа обвинетиот Богдан Илиевски како поминува позади новинарката и зборува на мобилен телефон.

21:46 Се гледа лицето од собранискиот обезбедување со црн костим, бела кошула, седа коса, по нив се движи лево према десно гледано према

камерата по што се качува нагоре по скалите, а покрај него поминуваат луѓе кои што се влезени во Собранието.

23:14 Се гледа како полициски службеник со шлем и панцир на себе се движи слободно помеѓу луѓето кои што стојат во Собранието.

23:40 Се гледа лицето со црна фантомка, црна маица со број 46 на предниот дел како се движи према камерата, а веднаш позади него е и лицето со црна фантомка и темно сина маица со кратки ракави.

24:06 По скалите се симнува и обвинетиот Иван Цветановски во сив костум и се приближува лево по скалите гледано према камерата.

25:08 По скалите надолу покрај полициските службеници кои што стојат на горниот дел од скалите се симнува обвинетиот Илија Славевски со црна фантомка, црна маица и црни три-четврт панталони.

25:28 На камерата не се гледа ништо, црна е снимката.

Снимката е со времетрање од 26 минути и 24 секунди.

На оваа снимка повторно се гледа пасивното однесување на полициските службеници, а воедно се гледа и присуството во внатрешноста на Собранието на обвинетите Никола Митревски, Младен Додевски, Јане Ченто, Вилијам Михајловски како и Горанче Анѓеловски. Од снимката неспорно произлезе дека обвинетиот Вилијам Михајловски е меѓу првите луѓе кои што успеваат да поминат позади полициските службеници.

Видео запис Телевизија Телма 2, фајл Biljana-Akcija na policija ZA UTRINSKI VESTI.

На снимката се гледа главниот влез на Собранието.

00:17 На снимката се гледа како стои обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка, сива маица, бела апликација на предната страна и сини бермуди, надолу по скалите се симнува обвинетиот Стефан Младеноски со црна капуљача преку главата, црно спротско капче без маска, со црна блуза со долги ракави и црна торбичка префрлена преку рамото, во позадина има уште две лица со фантомки преку главите, а се гледа и голем број на граѓани присутни на овие скали.

00:19 Се гледа обвинетиот Никола Митревски како се качува по скалите, истиот не носи маска, со црна блуза со долги ракави, позади него е обвинетиот Стефан Младеноски со црно спортско капче, црна фантомка, црна блуза со долги ракави, позади него е обвинетиот Дејан Давидовски, кој е во бегство со црна фантомка, бела маица со кратки ракави и црна торбичка префрлена преку рамото, на кратко се гледа внатрешниот дел од Прес салата, влегувањето на луѓето, помеѓу луѓето се гледаат обвинетите Дејан Давидовски и Игор Југ.

00:44 Се гледа пратеникот З. С. како е легнат на подот со раскрвавено лице.

00:47 Се гледа удирањето на пратеничката Р. Ш.

00:54 Се гледа пратеникот З.З.раскрвавен по лицето.

00.59 Се гледа обвинетиот Никола Митревски на скалите без маска, се обраќа на еден полициски службеник што стои пред него на скалите.

01:18 Се гледа обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка, ја повикува масата народ према нагоре, на момент се влече со полицискиот службеник, нешто му кажува, над него со крената фантомка на челото се гледа и обвинетиот Никола Митревски, а се гледа и обвинетиот Младен Додевски со црна фантомка како се симнува по скалите надолу, со сива маица со кратки ракави.

01:24 Се гледа обвинетиот Крсто Мукоски.

01:30 Се гледа пратеникот Н. Т.

01:49 Новинарката се обраќа на обвинетиот Игор Дурловски кој одбива да и одговори кажувајќи и дека имал нешто поважно во моментот отколку да дава изјава.

02:03 Се гледа буткање на горните скали.

02:27 Се гледа движење на две возила на Брза помош со вклучени ротациони светла.

Снимката е со времетраење од 3 минути и 3 секунди

На снимката јасно се видоа обвинетите Младен Додевски, Никола Митревски како и Игор Југ. Воедно на оваа снимка се виде З. С. како е легнат на подот со раскрвавено лице, а раскрвавено лице има и З.З.. Повторно се виде удирањето на Р.Ш.

Видео запис Телевизија Телма 2 фолдер апр 29 2017, фајл INSERTI-Pratenicki se simnuvaat od kat i siledziite vleguvaat I napagaat.

На снимката се гледа внатрешниот дел од Прес салата, се гледаат новинари и пратеници внатре, вратите од Прес салата во моментот се затворени, се гледаат луѓе на горниот дел од балконот меѓу кои и пратеничката Ф. Р., пратеникот М. З.

00:56 Се гледа поставувањето на масите една врз друга за да можат пратеничките од горниот кат да се симнат доле.

01:38 Влезната врата од Прес салата е отворена, лицето од обзбедувањето на пратеникот З.З. прв истрчува напред према вратата застанува, заедно со друго лице и пратеникот А.К. се обидуваат да не и дозволат на масата народ да влезе внатре.

02:14 Луѓето влегуваат внатре, се гледа обвинетиот Дејан Давидовски и обвинетиот Игор Југ кои што влегуваат меѓу првите.

02:35 Се гледа обвинетиот Младен Додевски со грбот свртен према камерата.

02:44 Се гледа обвинетиот Стефан Младеноски со црно безбол капче, црна фантомка како пробува да излезе од Прес салата, а покрај него поминува обвинетиот Мунир Пепиќ.

Снимката е со времетраење од 2 минути и 47 секунди.

Од оваа снимка се виде влегувањето на масата народ во Прес центарот а меѓу првите е обвинетиот Игор Југ, а тука е и обвинетиот Младен Додевски. На балконот се гледаат пратениците Ф. Р. и М. З., но се гледа и како се поставуваат масите една врз друга со цел да се симнат пратеничките од галеријата.

Од Вештачење на мобилни телефони одземени од О.П., Извештај за мобилни уреди МУ бр. 173-2017 од 19.03.2018 година на мобилен телефон марка Самсунг, модел SM-G935F со ИМЕИ ... на патека SM-... Galaxy S7 edge/files/Video/O. P. Sobranie.mp4, на мобилен телефон марка Самсунг модел SM-N9005 ИМЕИ ... на патека Samsung SM-.. Galaxy Note 3/files/Video/O. P. Sobranie.mp4. се гледа влегувањето на масата народ внатре во Прес салата на Собранието. Свртен со грб е обвинетиот Игор Југ. Времетраењето е 00:53 секунди.

Се гледа маса луѓе, некои од нив држат сталаци од камера во рацете, сталакот од камера се гледа како се фрла према пратениците и останатите кои се наоѓаат во десниот ќош гледано во правец на снимката, се гледа и лице со маска на главата. Лицето со маска се гледа дека носи светло сива маица, се гледа уште едно лице со маска десно горе на снимката, се гледа едно лице како со сива тренерка со капуљача држи сталак од камера во рацете свртено со грб према камерата, се гледа лице од десна страна во горниот дел како во рацете држи црвен чадор, се гледа како со чадорот удира по некого. Повторно се гледа обвинетиот Игор Југ свртен со грб, лицето со сива тренерка со капуљача се гледа како со сталак без камера фрла према пратениците и луѓето околу нив. Обвинетиот Игор Југ се наоѓа лево гледано во правец на камера до лице со црвена маица и главата завиткана во знаме, се гледа во профил обвинетиот Игор Југ на десната страна, обвинетиот Игор Југ свртен према камерата што снима, пред него повторно е лицето со црвена маица и глава завиткана во знаме, метално постолје од фотелја се гледа како НН лице фрла кон пратениците и луѓето околу нив. Се гледа обвинетиот Игор Југ свртен со грб према камерата како се држи за задната страна од панталоните и се гледа како држи некој предмет во рака. Се гледаат предмети како се фрлаат према делот кај што се пратениците и останатите лица. Се гледа повторно метално постолје од фотеља како се фрла кон пратениците и останатите лица кои се околу нив. Повторно се гледа обвинетиот Игор Југ со грб свртен како се држи за задната страна од панталоните со десната рака на која има и тетоважи и се гледа како во раката држи темно сив предмет. Се гледаат две лица од левата страна со

маски, едното е со темно сива маица, другото е со темна маица со бели букви од десната страна негова, односно од левата страна гледајќи кон снимката. Повторно се гледа обвинетиот Игор Југ свртен со грб према камерата, се гледа во позадина метално постолје од фотеља кое се наоѓа во делот каде што се пратениците и останатите лица. Повторно се гледа како обвинетиот Игор Југ со својата десна рака држи предмет кој се наоѓа во задната страна од панталоните  и на оваа снимка убаво се гледа како се работи за многу темно сив предмет. Се гледа обвинетиот Оливер Поповски со црна јакна како разговара со некое лице кое е свртено со грб, се гледа и лице со црна јакна со маска на главата. Обвинетиот Оливер Поповски гледа кон пратениците и обезбедувањето што е околу нив, во профил се гледа обвинетиот Јане Ченто кој доаѓа од десната страна гледано во правец на снимката. Се гледа како обвинетиот Оливер Поповски е во разговор со НН лице со темна јакна, проќелав, кој е свртен со грб према снимката. Обвинетиот Јане Ченто веќе е на левата страна на снимката гледано кон камерата. Обвинетиот Оливер Поповски во разговор со обезбедувањето на тогаш пратеникот З. З. Се гледа обвинетиот Јане Ченто во левиот дел на снимката свртен кон масата народ. На снимката пред Јане Ченто се уште е, се уште стои обвинетиот Оливер Поповски. Обвинетиот Јане Ченто се движи кон средината од снимката, а обвинетиот Оливер Поповски се наоѓа во долниот лев дел од снимката. Во средината на снимката се гледа обвинетиот Јане Ченто како се движи кон десниот дел гледано према снимката и гледа во камерата, а позади него е обвинетиот Оливер Поповски. Се гледаат повредени дел од пратениците и од обезбедувањето и тоа со крв на нивните лица. Во долниот десен дел се гледа обвинетиот Оливер Поповски. Се гледа лице со маска со бела маица во десниот дел, во средината се гледа уште едно лице со маска, а од левата страна трето лице со маска со темно сива маица и со кратки ракави, лицето со маска од десната страна се гледа како со рака дава некои знаци, а раката му е во тупаница. Се слушаат извици на народ „Убијте ги“, се слушаат пцовки, „Убијте ги гадови“, „ Умрете гадови“.  Се гледа црвен чадор во десната страна од снимката негде над средишниот дел, се гледа рака од лице кое го држи чадорот, се гледа како удира према лице кое е наведнато, се гледа обвинетиот Јане Ченто дека е тој. Се гледа горе десно пратеникот З. С., се гледа пратеникот З. С. од десната страна над средината. Се гледа удирање во правец каде што стоеше пратеникот С., се појавува црвениот чадор во правец во главата на пратеникот З. С., пратеникот се наведнува надоле, повеќе не се гледа. Ова се гледа на снимката со време 00:08, а во средината на снимката во десно се гледа лице со фантомка со кренати раце, со темно сива маица со бели принтови, маскираното лице е со кренати раце. Се гледа лице со црвен чадор како удира во правец каде што беше пратеникот З. С., има замавнување со црвениот чадор према местото каде што се наоѓаше пратеникот С., се гледаат повеќе лица околу лице кое е према земја, кое не се гледа, а на местото каде што стоеше пратеникот С.. Повторно се гледа црвениот чадор, како замавнува кон лице што не се гледа. Се гледа како лицето со

чадор се наведнува надоле и удира некого кој е на земја, а се работи за обвинетиот Јане Ченто. Се гледа како повторно се наведнува, обвинетиот се уште го држи црвениот чадор во рака, времето е 00:20. Пред пратениците за цело време на оваа снимка пред пратениците и останатите лица кои беа напаѓани стои пратеникот В. Ѓ.. Од десната страна се гледа лице со бела маица и со фантомка на главата. Се гледа пратеникот З. С. како се држи за главата. Се гледа З. С. со повреда на челото од десната страна, сега убаво се гледа повредата на пратеникот З. С. на неговата десна страна на челото. Од лево е Оливер Поповски кој се наведнува и гледа нешто во тој дел. Јане Ченто во овој момент гледа нешто долу и се наведнува. Се гледа како обвинетиот Јане Ченто гледа надоле, се наведнува, се гледа и обвинетиот Оливер Поповски во исто време, и тој гледа надолу и се наведнува, обвинетиот Оливер Поповски се исправа и гледа кон десната страна од снимката. Сега се исправа и обвинетиот Јане Ченто. Обвинетиот Јане Ченто се упатува кон левата страна од снимката, а обвинетиот Оливер Поповски продолжува да гледа кон десната страна на снимката. Обвинетиот Ченто се врти кон масата народ.

На оваа снимка која е добиена со Вештачење на мобилни телефони одземени од Оливер Поповски, на многу јасен начин се гледа како толпата народ се однесува насилно кон пратениците при што фрлаат со предмети за кои зборуваа сведоците во нивните искази а станува збор за метални постоља од фотељи, сталаци од камера. На повеќе делови од снимката јасно се виде обвинетиот Игор Југ како се држи за задната страна од панталоните и се гледа како држи некој предмет во рака, а всушност станува збор за многу темно сив предмет. Воедно се гледа обвинетиот Јане Ченто со црвен чадор како го удира пратеникот З. С. кој има повреда на челото од десната страна. Пред обвинетиот Јане Ченто се гледа обвинетиот Оливер Поповски кој ништо не превзема, а за тоа време се слушаат извици на народ „Убијте ги“, се слушаат пцовки, „Убијте ги гадови“, „Умрете гадови“. Треба да се нагласи и делот од снимката каде се гледа дека обвинетиот Јане Ченто гледа нешто долу и се наведнува, се наведнува и обвинетиот Оливер Поповски во исто време и тој гледа надолу и се наведнува, обвинетиот Оливер Поповски се исправа, а се исправа и обвинетиот Јане Ченто.

Од Репродукција на ЦД снимка која е добиена со известување од Основното јавно обвинителство С. РО бр.897/18 од 14.06.2018 година, а станува збор за вештачење КО бр.59/2018, (237-45843/1 од 01.06.2018) со локација на USB меморискиуред марка Verbatim со капацитет од 16 GB, поточна локација на видеото е наведениот USB уред при негово отварање Final report 59-2018 КО/Report_Files/files, фајл - слики и видео 1079.MOV при што видео записот е во времетраење од 01 минута и 45 секунди се гледа внатрешниот дел од Прес салата, од Прес центарот. Во горниот десен агол од снимката се гледаат пратениците З. З. со раскрвавено лице, позади него А. К., позади него пратеникот З. С., пред нив се гледа како

стојат поголем број на луѓе, се гледа лице како снима со мобилниот телефон, се гледа друго лице како држи дрвен стап во рацете, во левиот дел на снимката се гледа и пратеникот В. Ѓ., свртен со лицето спрема луѓето кои што се насочени према пратениците, во овој момент во Прес салата не се гледа ниту едно лице од собраниското обезбедување.

00:12 Се гледа лице со сива блуза со долги ракави и сива капуљача на главата како со дрвен стап мава према пратениците, а пред него стои лице со црна маица со кратки ракави и црна фантомка на главата, кој е свртен према лицето кое што удира со стапот, пробува да го земе, се слуша викање, се гледа фрлање, се гледа удирање, се гледа Пратеникот З. С. како пие вода и се наведнува покрај десниот ѕид од ходникот каде што стојат, се гледа сведокот С. Т. како стои пред Пратеникот З. З. со лицето свртен према камерата, а пред него стои машко лице со кожен елек свртен во моментот со грбот према камерата.

00:43 Се гледа обвинетиот Јане Ченто, се гледа само главата на обвинетиот Јане Ченто и со прстот од десната рака со показалецот мавта према пратениците.

00:46 Во десниот дел на снимката под мониторот кој што се гледа на снимката се гледа како машкото лице со кожниот елек кое стоеше претходно со грбот свртен према камерата како го подигнува Пратеникот З. С. кој е свртен со лицето према камерата, го станува, го носи нанапред, се гледа во долниот дел на снимката друго машко лице кое со десната рака го фаќа за левото рамо Пратеникот С. и го повлекува према него, по што во овој момент се губи од видикот на камерата Пратеникот З. С.

00:54 Се гледа повторно машкото лице со кожен елек кое го извлече и стана Пратеникот З. С., а пред него се гледа Пратеникот З. С. околу кој стојат повеќе луѓе, меѓу кои има и лице со црна фантомка на главата, а право од него се гледа и лицето со сива блуза со долги ракави и сива капуљача на главата, кое претходно со дрвен став маваше по пратениците.

00:55 Се гледа како лице кое стои поткачено на нешто во оваа Прес сала, а носи црн елек и светло виолетова маица или кошула со кратки ракави, свртен странично према камерата како со десната рака го удира со нешто по глава Пратеникот З. С., го удира три пати, се гледа како и другите луѓе што стојат околу Пратеникот З. С. го маваат со рацете по глава истиот додека тој се уште стои на нозе, а десно од Пратеникот З. С.

странично свртен, но со лицето према камерата се гледа и обвинетиот Вилијам Михајловски, се бутка према толпата нанапред која што го удира Пратеникот С., се гледа како обвинетниот замавнува со десната рака, се гледа како луѓето што го удираат пратеникот З. С. по првите неколку удари зададени во глава најпрвин од лицето со црно елече и кошула или маица со светло виолетова боја со кратки ракави мава по него, а на кое лице потоа му се приклучуваат и останатите луѓе кои што стојат околу Пратеникот З. С. и се гледа како замавнуваат по него, додека стои замавнуваат со рацете по главата за да потоа кога успеваат да го соборат, односно кога Пратеникот З. С. паѓа на земјата продолжуваат да го удираат со клоци, а помеѓу овие луѓе се гледа и обвинетиот Вилијам Михајловски кој исто така задава удари према Пратеникот З. С.. Во горниот дел на снимката пред затворената врата десна од Прес салата се гледа лицето во горниот дел од рамото на обвинетиот Оливер Поповски кој стои свртен и го гледа тепањето.

Во 00:59 лево од лицето со црна фантомка на главата, дијагонално под лицето кое стои поткачено на нешто и прво ги задава ударите на Пратеникот З. С. се гледа и обвинетиот Мунир Пепиќ свртен со лицето према Пратеникот З. С. кој веќе е соборен на земјата, се гледа како и тој се пробива во првиот ред точно пред местото каде што лежи Пратеникот З. С. и со нозете го клоца најпрвин со десната, па со левата нога, како и останатите луѓе кои што стојат покрај Пратеникот З. С..

01:05 Се гледа лице кое држи тастатура во рацете и пробува да замавне према местото каде што лежи Пратеникот З. С. додека и понатаму другите луѓе продолжуваат да го удираат со клоци овој пратеник, се гледа дека толпата народ се повеќе се собира околу местото каде што лежи Пратеникот З. С. и луѓето продолжуваат да го удираат.

01:07 Се гледа обвинетиот Јане Ченто во горниот централен дел на снимката, стои точно пред ѕидот со грбот свртен према камерата.

01:20 Се гледа Пратеникот З. С. како лежи на подот со лицето свртен према подот, се гледа лице кое што му ја шутира едната нога, а покрај неговата лева нога, во првиот ред на луѓето кои што стојат се виде и обвинетиот Вилијам Михајловски, ударите и натаму продолжуваат по Пратеникот З.С..

Во овој момент 01:36 се гледа лицето во цивилна облека кое беше на претходните снимки во придружба на обвинетиот Оливер Поповски со

кратка маица, со маица со кратки ракави и сина боја и потемно сино елече на себе, истиот пробува да ги тргне луѓето, други лица од собраниското обезбедување не се гледаат. Снимката е во времетраење од 1 минута и 45 секунди.

На оваа снимка се гледа внатрешноста на Прес салата каде јасно се гледаат З. З. со раскрвавено лице, а позади него се пратениците А. К. и З. С.. Се гледа како пратениците се удирани и со дрвен стап, а за тоа зборуваа и сведоците во своите искази кога ги набројуваа предметите со кои биле удирани. Точно се виде извлекувањето на пртеникот З. С. од ќошот каде што стоеја пратениците и неговото крвничко претепување. Јасно се виде дека додека пратеникот З. С. лежи на подот покрај останатите него го удираат и обвинетиот Вилијам Михајловски и обвинетиот Мунир Пепиќ. Воедно на снимката се гледа и обвинетиот Оливер Поповски кој немо го набљудува претепувањето на пратеникот З. С. и ништо не превзема. Повторно и од оваа снимка јасно може да се заклучи дека меѓу лицата кои биле таргет на насилниците бил и З. С.

Судот мора да нагласи дека во периодот кога се вршеше репродукција на снимките постапката се водеше против сите 33 обвинети, односно пред да биде донесен Законот за амнестија, па затоа сите сеословуваа како обвинети, а судот во пресудата ги пренесува снимките со оригиналната репродукција, односно онака како што беа изведени на главната расправа.

Снимката 00305-MTS е снимка од увид после настанот од кога Собранието е испразнето од масата народ. Се гледа холот на Собрание со кабли, со флаши пластични, се гледа ПП апарат и овластени службени лица. Оваа снимка е со траење од 12 секунди

На снимката 00306-MTS која е со траење 57 секунди се гледа истата просторија, со пластични флаши и кабли, еден ПП апарат, скршени предмети. Се гледаат скалите од главниот хол со пластични флаши, скршени предмети, скалите во главниот хол пред главните врати.

На снимката 00307-MTS која е со траење од 9 секунди исто се гледа хол со овластени службени лица.

Снимката 00308-MTS е со траење од 29 секунди и на истата се гледаат пластични флаши, повторно се работи за холот пред главните врати.

Снимка 00309-MTS е со траење од 8 секунди и на истата се гледа оштетувања на таванот.

Од снимката 00310-MTS се гледа некој оштетен предмет, детектор врата. Снимката е со траење од 3 секунди.

Од снимката 00311-MTS се гледа како некое лице ја снима влезната дрвена врата со прегради, две прегради, една горе, една доле, горната преграда на вратата е оштетена, а долната е со помало оштетување. Оваа снимка е со траење од 1 секунда.

На снимката 00312-MTS се гледа истата врата, но се гледа подобро како горната преграда од десната страна е доста оштетена, а долната препрека има гребаница на долниот лев дел сметано во правец на камерата. Кваката е оштетена со тоа што од вратата десната квака е пуштена надоле, а од левата страна е во хоризонтална положба. Снимката е со траење од 6 секунди.

Снимката 00313-MTS ја покажува внатрешност на просторија, се гледа од десната страна метална врата, а потоа внатрешност на просторија од десна страна гледано во правец на снимката и се гледаат некои оштетени предмети внатре. Снимката е со траење од 15 секунди.

Од снимката 00314-MTS која е со времетраење од 00,00 секунди се гледа некој оштетен предмет, личи на сталак од камера, од закачалка.

На снимката 00315-MTS повторно се гледа истата закачалка, падната доле. Се гледа просторија во која има оштетувања, две закачалки на патос, некој стаклен предмет исто така на патос. Оваа снимка е со траење од 24 секунди.

Снимката 00316-MTS е со траење од 00,03 секунди, а на истата се гледа црно палто на земја.

Од снимката 00317-MTS се гледа просторија, маса со бел чаршаф покриена и столици. Снимката е со траење од 00,06 секунди.

На снимката 00318-MTS повторно се гледа истата просторија, но се гледа и друга просторија одозгора на дрвена врата, внатрешност. Оваа снимка е со траење од 00,04 секунди.

Снимката 00319-MTS е со траење од 00,04 секунди. На истата се гледаат три столчиња свртени према некоја врата која е отворена, се гледа витрина со комбинација дрво и стакло.

Снимката 00320-MTS е со времетраење од 00,01 секунди, а на истата има некој предмет ама не може да се распознае од прозорот кој има драпери, розеви и бели завеси, кратки.

На снимката 00321-MTS се гледа дрвена врата, од левата страна е оштетен системот за затварање кој се наоѓа доле. Снимката е со времетраење од 00:23 секунди

Снимката 00322-MTS е со траење од 00:20 секунди. Повторно се гледа истиот систем во долниот дел од вратата од левата страна.

Снимката 00323-MTS е со траење од 00:33 секунди, а на истата се гледаат предмети искршени позади статуа.

На снимката 00324-MTS се гледа бутнат метален предмет на кој е врзано црвено јаженце, ја заштитува статуата. Снимката е со траење од 00:19 секунди.

Од снимката 00325-MTS се гледа Пленарната сала, скршено биро во Пленарната сала, се гледат празни флаши пластични. Снимката е со траење од 00:34 секунди.

На снимката 00326-MTS која е со траење од 00:24 секунди се гледа бирото на кое што седи Преседателот на Собрание, се гледаат расфрлани хартии искинати, испред тоа повторно се гледа бирото од говорницата каде што се гледаат искинати хартии, а може да се примети дека низ цела Пленарна сала има доста хартија по земја и оштетена жардињера со цвеќе, ги нема микрофоните на говорницата.

Снимката 00327-MTS е со траење од 00:04 секунди. Ова е кратка снимка од Пленарната сала од еден ќош каде што се гледа дел од грбот на РМ и знаме на РМ.

Снимката 00328-MTS е со траење од 00:05 секунди. На истата се гледа биро што се наоѓа испод, фактички од лева страна од каде што седи Претседателот на Собранието. Ова е бирото што е поврзано со техничка режија.

Од снимката 00329-MTS се гледа Пленарната сала каде има хартии расфрлани по земја, пластични флаши, и тоа делот каде што вообичаено седи опозицијата, така и на средишниот дел каде вообичаено седи парламентарното мнозинство, се гледаат хартии поголем дел од нив на земјата, се гледа нечија јакна, пластични флаши. Оваа снимка е со траење од 02:05 секунди.

На снимката 00330-MTS се гледа дел од Пленарната сала каде што седат претставници на Владата кои присуствуваат на седница, се приметува хартија но малку, има пластични флаши, хартии на земја. Снимката е со траење од 01:13 секунди.

Снимката 00331-MTS е од Пленарната сала, а истата е со траење од 00:05 секунди.

Снимката 00332-MTS е со траење од 00:27 секунди. На истата се гледаат скалите што влегуваат во Прес салата, горе лево се гледа оштетување на врата.

На снимката 00333-MTS се гледа скинато знаме на ЕУ, фрлено на земја. Снимката е со траење од 00:06 секунди.

Од снимката 00334-MTS се гледа оштетување на мермерот на ограда на скалите и се гледа парче од истиот паднат доле на скалите. Оваа снимка е со траење од 00:11 секунди.

Снимката 00335-MTS е со траење од 00:34 секунди. На истата се гледа оштетен ѕид, оштетени делови од намештај, дупки на ѕидовите. Ова е

холот „Длаборез“ кој се наоѓа пред кабинетот на Претседателот на Собранието. Се гледа врата за која што сведокот В. Н. кажа дека со лисици ја имаат затворено.

Од снимката 00336-MTS се гледа големо оштетување на мебел, на ѕидови, се работи за холот „Длаборез“, се гледаат дупки на страничните ѕидови, кабинетот на Претседателот на Собрание, се гледа горниот дел од ѕидовите, односно оштетување на таванскиот дел, оштетување во тие делови. Снимката е со траење од 01:02 секунди.

На снимката 00337-MTS се гледа внатрешен дел од просторија со црвени столици, оштетување на кожена врата, се гледаат трагови од чевли по вратата, односно од удирање на вратата со чевли. Снимката е со траење од 00:08 секунди.

Снимката 00338-MTS е со траење од 01:17 секунди. На оваа снимка се гледа скршена столица на земја, оштетување на вратата обложена со кожа, оштетување на еден бордо тросед, извадена врата, кабли по земја, паднато куќиште од компјутер, паднатa закачалка.

На снимката 00339-MTS се гледа монитор од компјутер доле на земја, превртена бордо столица и тастатура на земја. Снимката е со траење од 00:05 секунди.

Снимката 00340-MTS е со траење од 00:23 секунди. На оваа снимка јасно се гледа падната слика на земја и оштетена е сликата, скршена рамка на сликата, се гледаат оштетени рамки, паднато знаме на ЕУ, повторно оштетени рамки од слики.

На снимката 00341-MTS се гледа падната слика наопачки. Снимката е со траење од 00:06 секунди.

На снимката 00342-MTS се гледа слика падната на земја на која е Н.П., односно тоа е портрет на Н.П. Снимката е со траење од 00,05 секунди.

Од снимката 00343-MTS се гледа оштетување од рамка на врата и самата врата тоа е гледајќи во снимката од левата страна, оштетувањето на рамката на вратата и десниот агол на вратата. На вратите се гледаат и на левата страна на вратата и на десната се гледаат стапалки од удари со нога. Снимката е со траење од 00:19 секунди.

Снимката 00344-MTS е со траење од 00:12 секунди. На истата се гледа оштетување на врата во пределот на кваката.

На снимката 00345-MTS се гледа движење на две службени лица. Оваа снимка е со траење од 00:09 секунди.

Од снимката 00346-MTS се гледа некој кабинет и едно службено лице, а оваа снимка е со траење од 00:04 секунди.

Снимката 00347-MTS е со траење од 00:06 секунди. На истата се гледа дрвено биро со зелена превртена статуа, превртената статуа се наоѓа

пред врата исто така темно дрво, се слуша глас од позадина „Да се заштити вратата да не се влезе“.

Снимката 00348-MTS е со траење од  00:28 секунди. Се гледа снимка од просторија тесна со темни фотелји кожни, се гледа монитор вклучен, се гледа даска на земја потпрена како дел од намештај, се гледа монитор и даската е потпрена на мониторот, на вклучениот монитор во квадратчиња се гледаат повеќе сегменти од внатрешноста на Собранието.

На снимката 00349-MTS се гледа на почетокот масиче превртено наопачки, се гледаат делови од намештај доле на земја, се гледа дрвена скала потпрена на ѕид. Снимката е со траење од  00:15 секунди.

На Снимката 00350-MTS се гледа оштетувања на врата и на ѕидот пред рамката на вратата, се гледа искршена стаклена врата, исто така се гледа даска потпрена на левата страна од стаклената врата. Снимката е со траење од  00:18 секунди.

Снимката 00351-MTS е со траење од 00:06 секунди. На оваа снимка повторно се гледа искршено стакло на врата и стакло доле по подот.

На снимката 00352-MTS се гледа внатрешен дел од канцеларија со хартии и документи по земја и растурени на биро, флаши со вода пластични. Снимката е со траење од  00:19 секунди.

Од снимката 00353-MTS се гледа внатрешност на канцеларија, на левото биро се гледа пластична флаша со вода, се гледаат две црни фотељи, едната поголема едната помала. Снимката е со траење од  00:10 секунди.

Снимката 00354-MTS е со траење од 00:06 секунди. На снимката се гледа фотеља окер боја, падната на земја, а до нејзе исто така дрвено столче со бордо седало.

Снимката 00355 – MTS покажува влезна врата од канцеларија, на левата врата се гледа оштетување на бравата. Снимката е со траење од 00:22 секунди.

На снимката 00356 – MTS се гледа ходник со остатоци од малтер, стакло, значи приод во Собранието за лица со инвалидитет, се слушаат гласови на снимката, на таванот се гледаат три плочи како недостасуваат, се слуша глас како кажува дека фалат три плафоњерки, се слуша глас како прашува за доле дали е тоа од гипс картон и кажува дека доле има и стакло. Над вратата стои „сали 3 и 4“ се слуша глас од позадина како брои „1, 2, 3 и 5“. Снимката е со траење од 00:42 секунди.

На снимката 00357 – MTS се гледа хол, се гледа фотелја со окер тапацир цела во прашина, позади се гледа друга исто таква фотелја превртена, под скалите се наоѓа уште една фотеља исто во прашина, по подот има намештај, искршен намештај, ова е влезот пред Сала 3, Прес центар. На снимката се гледаат и скалите што водат кон галерија на Сала 3 и на ѕидиот пишува „Сала 3“ пред врата се гледа и црна фотеља. Се гледаат

остатоци од малтер, гипс картон, бела супстанца е, се гледа отворена поголема ташна, се гледа влезот од Прес салата со отворени две врати, пишува „Сала 3 Прес центар“, а една врата се гледа дека е извадена и потпрена на левиот ѕид гледајќи према сликата. Се гледа дека камерата е падната надоле, се гледа повторно поголема ташна, се гледа една црна, една плава фотеља, се гледа затворена врата на која пишува „Техничка режија“, се гледа доле и пластични флаши, се гледа црн ранец и искршена камера и многу флаши од вода. Исто така се гледа искршено стакло, на камерата пишува „JBS“, се гледа апарат за кафе, се гледа отворена врата од спротивна страна на Сала 3, односно Сала 4, на ѕидот пишува „Бифе“ со стрелка лево гледано од страна на камерата. Се гледаат четири окер фотељи, на ѕидот горе пишува „Сала 4“, се гледа кабина во салата, повеќе столчиња црни, флаши од вода, се гледа аудио сет. Снимката е со траење од 02:52 секунди

Снимката 00358 – MTS е со траење од 02:06 секунди. На оваа снимка повторно се гледаат двете врати на Прес центарот, црна фотелја напред, внатре се гледаат кабли, се гледа отворена ташна, се гледа сталак за камера ставен на една фотелја. Се гледаат хартии, повторно кабли, празни пластични шишиња за вода, се гледа торба, јакна, кошула, се гледа уште една јакна, хартија со крв, се гледаат две столици скршени во десниот агол. Се гледаат многу фрлени искршени предмети, се гледаат делови од облека, скинати вариолајт завеси, се гледа доле фрлен црвен чадор, сталаци од камери, се гледа уништена опрема, се гледа галеријата со кабините за преведувачи, се гледа камера свртена нагоре, се гледа дрвен стап.

На снимката 00359 – MTS се гледаат торбици од опрема за снимање, фотељи превртени некои, кабли, делови од дрвен намештај доле, повторно се гледа уништена опрема. Оваа снимка е со траење од 00:21 секунди.

На снимката 00360 – MTS повторно се гледа влезот на Прес салата, се гледа крв, се гледаат траги од крв на тепихот, се гледаат траги од крв на страна на бирото, се гледаат повторно кабли, се гледа каде е таванот, веројатно каде завршил испуканиот куршум. Снимката е со траење од 00:33 секунди.

Снимката 00361 – MTS е со траење од 00:42 секунди. На оваа снимка се гледа повторно десниот агол на Прес салата, се гледаат пластични флаши, дел од намештај, се гледаат превртени столици, се гледа чадорот, се гледаат делови метални од столици, фотељи, се гледаат кабли, женска ташна, уште една ташна црна, хартии, клучеви, новчаник, привезок од клуч, монитор паднат доле.

На снимката 00362 – MTS се гледаат повторно скалите што водат кон галеријата, се гледа една фотеља и едно дрвено столче, на ѕидот пишува „Сала 3“, доле се гледа падната, легната врата цела во прав, се

гледаат стапалки внатре на подот, се дава преглед на долниот дел на Прес салата. Снимката е со траење од 00:52 секунди.

Снимката 00363 – MTS е со траење од 00:42 секунди. На оваа се гледаат скали надоле, од левата страна на снимката се гледа лифт, се гледа крв доле на патосот.

На снимката 00364 – MTS се гледа хол, внатрешноста во Собранието, а снимката е со траење од 00:01 секунди.

На снимката 00365 – MTS се гледа на подот бројка „15", каде што претходно се видоа трагите од крв кои сеуште се гледаат.Снимката е со траење од 00:09 секунди.

На сите претходни снимки се гледа урнисувањето на внатрешноста на Собранието. Имено јасно се видоа оштетени и уништени предмети внатре во Собранието, а поточно се видоа оштетен детектор, скршено биро во Пленарната сала од каде всушност се одземени и микрофоните, постои оштетување на мермерот на ограда на скалите. Оштетени се ѕидови на кои што се гледаат и дупки, делови од намештај, оштетувања на таванскиот дел, оштетени се слики компјутери и многу други штети се нанесени во Собранието од страна на насилната толпа народ, а како што се виде од репродукцијата на снимките додека насилниците го урнисуваа Собранието полициските службеници беа неми набљудувачи. Воедно на снимките јасно се виде и внатрешноста на Прес центарот каде се случи најголемото насилство на пратениците, при што таму сеуште се наоѓаа предмети со кои беа тепани пратениците, но истовремено се видоа траги од крв на тепихот, на биро како и на подот.Тука е оставен и црвениот чадор кој исто беше употребен при насилството врз пратениците, а посебно врз З. С.

Во текот на доказната постапка беше извршена презентација на ДВД со фотографии, а ЦД-то е со ознака 20170427_2 фајл

Првата фотографија е назначена со DSC_0092. На сликата се гледа дрвена врата уоквирена со кафеави столбови и пред вратата има остатоци од градежен материјал. Втората фотографија е назначена со DSC _0093. На оваа фотографија се гледаат две врати, темно кафеави, на секоја врата има по еден столб и исто така се гледа шут од градежен материјал. На левата врата од десната страна се гледа оштетување во средина од истата, на преградата. Третата фотографија е назначена со DSC _0094. Се гледа ходник  на кој доле има остатоци од градежен шут и пластични флаши за вода. Четврта фотографија е назначена со DSC _0095. Оштетување на гипс картон кој што се наоѓа на крајот на ѕидот пред осветлувањето. Петата фотографија е назначена со DSC_0096. Се гледа плафон и оштетувања на плафонот односно лајсната на истиот. Шестата фотографија е назначена со DSC_0097. Се гледа оштетувања на десна страна од ѕид и метална преграда на вратата. Седмата фотографија е назначена со DSC _0098. Се гледа повторно врата со преграда и

оштетување на ѕид од левата страна. Осмата фотографија е назначена со DSC_0099. Се гледа таван на некоја просторија со оштетување на истиот. Деветтата фотографија е назначена со DSC_0100. Повторно се гледа таван и од левата страна се гледа оштетување на лајсна од таван. Десеттата фотографија е назначена со DSC_0101. Се гледа оштетена дрвена детектор врата. Единаесеттата фотографија е назначена со DSC_0102. Истата врата од претходно од друг агол. Дванаесеттата фотографија е назначена со DSC _0103. Се гледа детекторот каде што проаѓаат ташни и други предмети и пред истиот има кабел. Тринаесеттата фотографија е назначена со DSC_0104. Се гледа кафеава врата со две прегради од кои горната преграда од средина према десно е доста оштетена, додека долната преграда од левата страна се гледа горе оштетување, едната квака е надоле свртена, десната, а левата е во хоризонтална положба. На фотографиите DSC _0105; DSC _0106, DSC _0107, DSC _0108, DSC _0109, DSC _0110, DSC _0111, DSC _0112, DSC _0113, DSC _0114, DSC _0115, DSC _0116, DSC _0117, DSC _0118, DSC _0119, DSC _0120, DSC _0121, DSC _0122, DSC _0123, DSC _0124, DSC _0125, DSC _0126, DSC _0127, DSC _0128, DSC _0129, DSC _0130, DSC _0131, DSC _0132, DSC _0133, DSC _0134, DSC _0135, DSC _0136, DSC _0137, DSC _0138, DSC _0139, DSC _0140, DSC _0141, DSC _0142, DSC _0143, DSC _0144, DSC _0145, DSC _0146, DSC _0147, DSC _0148, DSC _0149, DSC _0150, DSC _0151, DSC _0152, DSC _0153, DSC _0154, DSC _0155, DSC_0156, DSC _0157, ДСЦ _0158, DSC_0159, DSC_0160, DSC_0161, DSC_0162, DSC_0163, DSC _0164, DSC _0165, DSC_0166, DSC_0167, DSC _0168, DSC _0169, DSC _0170, DSC _0171, DSC _0172, DSC _0173, DSC _0174, DSC _0175, DSC _0176, DSC _0177, DSC _0178, DSC _0179, DSC _0180, DSC _0181, DSC _0182, DSC _0183, DSC _0184, DSC _0185, DSC _0186, DSC _0187, DSC _0188, DSC _0189, DSC _0190, DSC _0191, DSC _0192, DSC _0193, DSC _0194, DSC _0195, DSC _0196, DSC _0197 се гледа оштетувањата во Собранието. На фотографиите DSC_0303, 0304 и 0305 се гледа отвор во таван најверојатно од испукан куршум. На фотографијата DSC_0306 се гледа бројка „1“, а до нејзе се гледа чаура од куршум, а на фотографијата DSC_0307 се гледа броја „2“, зрно од куршум сплескано. На фотографијата DSC_0308 се гледа бројка „3“, а околу во долниот дел се гледаат четири банкноти од по 20 евра, една банкнота од 100 евра и една од 50 евра, а во горниот дел се гледаат, горе десно се гледаат возачка, лична карта и парични средства-левови, после личната карта и возачката, а на личната карта и возачката се гледа на сликата дека се работи за женска особа, се гледа батерија. На фотографијата DSC_0309 повторно се гледаат претходно наведените евра, а истите евра и на наредната фотографија се гледаат означена како DSC_0310. На фотографијата DSC_0311 се гледаат возачката дозвола и левовите, додека на фотографијата DSC_0312 се гледа паричник и лична карта на женска особа. На фотографијата DSC_0314 се гледа бројка „3“ до неа на теписонот се гледаат капки од крв, поголема количина, се гледа дел од пластична ќеса, бела, на која пишува нешто што не може да се

види, се гледа истата дека е отворена и се приметува дека е дел од медицинска, дека се работи за ќеса во која се чува или е извадено дали инфузија или било што. На наредната фотографија DSC_0315 се гледа број 4„“,и дел од завој и тоа поголемиот дел е со крв, а потоа е бел. Фотографија DSC_0316 има бројка „5“ и капки од крв на фотеља. Фотографија DSC_0317 се гледа бројка „6“ и тркалце од метално постоље на столица и на истото има траги од крв. Фотографија DSC_0319 се гледа дрвено биро на кое со број „7 е означено, хартија на која се гледа крв. На фотографиите DSC_0320, DSC_0329, DSC_0330, DSC_0331, DSC_0332, DSC_0333, DSC_0334, DSC_0335, DSC_0336, DSC_0337 и DSC_0348 се гледаат оштетувањата во Собранието. На сите фотографии кои беа изведени како доказ јасно се видоа сите оштетувања кои веќе беа видени на претходно наведените снимки.

Со вештачењето на телефон од лицето Т.В., вештачење МУ 166-2017 од 28.11.2017 година извадени се повеќе Вибер пораки, а станува збор за Вибер пораки во период од 03.02.2017 до 12.05.2017 година, како и СМС пораки во период од 23.02.2017 година до 29.04.2017 година, мобилен телефон марка „Ајфон 7 +“ модел „А 1784“ со ИМЕИ број .. одземен од лицето Т. В. со доставен Извештај МУ 166-2017 од 07.12.2017. Локациски наведените податоци се наоѓаат на УСБ име на фолтер USB/XRY Report (МУ 166-2017)/ HTML.

Меѓу останатите пораки е и СМС комуникација помеѓу лицето Т. В. и обвинетиот Горан Ѓошевски на ден 27.4.2017 година. Имено Т. В. од телефонски број ... испраќа СМС порака до обвинетиот Горан Ѓошевски на телефонски број ... на 27.4.2017 година во 17:48:04 со содржина „бидете на штрек“.

Горан Ѓошевски испраќа порака на Т. В. на 27.04.2017 во 17:49:10 со содржина „да“.

Обвинетиот Горан Ѓошевски испраќа СМС порака на Т.В. на 27.04.2017 во 17:49:23 со содржина „сите знаат и од МВР“.

Горан Ѓошевски испраќа порака до Т. В. на 27.04.2017 година време 17:51:20 со содржина „пред сала се сите од внатрешно обезб“.

Т. В. испраќа порака на Горан Ѓошевски на 27.04.2017 во 18:04:15 со содржина „кажи им на внатрешното да влезат двајца тројца внатре и да не дизволуваат да седнат на моето место“.

Т. В. има и Вибер комуникација па така Д. С. од телефонски број ... испраќа порака до Т. В. на телефонски број ... на 03.02.2017 година време 22:25:52 со содржина „М. на 1 час пушта пораки во групава..“.

Т. В. испраќа порака на Д. С. на 03.02.2017 време 22:25:59 со содржина „За што“.

Д. С. испраќа порака до Т. В. 03.02.2017 време 22:26:00 „дали се збираат по штабови“ после тексуалната порака постои знакот на смајли.

Т. В. испрака порака до Д. С. на 03.02.2017 во време 22:26:14 со содржина „се збираат мислам“.

Д. С. испраќа порака до Т. В. на 03.02.2017 време 22.26:18 со содржина „а тие имаат сост по мк за кандидати за градоначалници“.

Д. С. испраќа порака до Т. В. на 03.02.2017 време 22:26:22 со содржина „и советници“.

Д. С. испраќа порака до Т. В. на 03.02.2017 време 22:26:25 со содржина „тоа е збирањеро“

Т. В. испраќа порака до Д. С. на 24.02.2017 во 08:17:12 со содржина „како е работата“.

Т. В. испраќа порака до Д. С. на 24.02.2017 во 08:17:22 со содржина „се спремате“.

Д. С. испраќа порака до Т. В. на 24.02.2017 во 08:17:23 со содржина „Тврдокорни“.

Д. С. до Т. В. испраќа порака на 24.02.2017 во време 08:17:43 со содржина „се чекаат насоки“.

Т.В. испраќа порака до Д.С. на 24.02.2017 време 08:17:55 со содржина „важно спремни“.

Д. С. испраќа порака до Т. В. на 24.02.2017 време 08:17:59 со содржина „да да“.

Т.В. испраќа порака до Д. С. на 24.02.2017 време 08:18:15 со содржина „и ратоборни“.

Д.С. испраќа порака до Т.В. на 24.02.2017 време 08:23:49 со содржина „е нема друг избор...“.

Д.С. испраќа порака до Т.В. на 24.02.2017 време 08:24:06 со содржина „ама треба добра организација“.

Т.В. испраќа порака до Д.С. на 24.02.2017 време 08:24:13 со содржина „да“.

Д.С. испраќа порака до Т.В. на 24.02.2017 време 08:24:15 со содржина „вака никој ништо не знае“.

Д.С. испраќа порака до Т.В. на 24.02.2017 време 08:24:32 со содржина „мора да има водач!!!“

Т.В. испраќа порака до Д.С. на 24.02.2017 време 08:24:50 со содржина „кредибилен“.

Д.С. испраќа порака до Т.В. на 24.02.2017 време 08:25:00 со содржина „не со спот на јутјуб“.

Д.С. испраќа порака до Т.В. на 24.02.2017 време 08:25:13 со содржина „и критична маса од Ск".

Т. В. од телефонски број ... испраќа порака на Н. Г. на телефонски број ... на 25.02.2017 година време 15:57:11 со содржина „јас пак мислам дека подобро да се одржи митингот во сабота, ќе има повеќе време за подготовка, нема да врни и до тогаш се повеќе ќе се наелектризира македонецот."

Д. Ј. од телефонски број ... испраќа порака до Т. В. на телефонски број ... на 25.02.2017 време 17:22:18 со содржина „и уште една работа може е глупава ама е многу битна, ако имаме настан неделава, да биде секој ден освен среда (тогаш ќе врне)".

Д.Ј. испраќа порака до Т.В. на 27.02.2017 време 17:49:21 со содржина „према собрание сме".

Т.В. испраќа порака до Д.Ј. на 27.02.2017 време 17:49:51 со содржина „да те пуштам да влезиш".

Д.Ј. испраќа порака до Т.В. на 27.02.2017 време 17:50:27 со содржина „знакот на смајли сега сме од спротивна страна".

Д. Ј. праќа порака до Т. В. на 27.02.2017 време 17:52:15 содржина „Стари баби дедовци".

Д.Ј. испраќа порака до Т. В.на 27.02.2017 време 17:52:04 со содржина „Сликава ми дава надеш уште поголема".

Т. В. од телефонски број ... испраќа порака до Г. Ј. на телефонски број ... на 27.02.2017 година време 19:47:40 содржина „добар беше собирот денес".

Т.В. испраќа порака до Г.Ј. на 27.02.2017 време 19:48:03 содржина „Миле што вика".

Г.Ј. испраќа порака до Т.В. на 27.02.2017 време 19:48:09 содржина „Да, супер изгледаше".

Г.Ј. испраќа порака до Т.В. на 27.02.2017 време 19:48:31 содржина „Поранонси заминав, не чув финална оценка, знакот на смајли".

Т.В. испраќа порака до Г.Ј. на 27.02.2017 време 19:48:57 содржина „сите викаат дека било добро".

Г.Ј. испраќа порака до Т.В. на 27.02.2017 време 19:49:28 содржина „Јас на НоваТВ гледав, полно беше".

Т.В. од телефонски број ... испраќа порака до Д. С.а телефонски број ... на 27.02.2017 време 20:20:45 со содржина „утре ќе се покажите".

Д. С. испраќа порака до Т. В. на 27.02.2017 време 20:21:06 со содржина „ГАРАНТ!!".

Т. В. испраќа порака до Д. С.а на 27.02.2017 време 20:21:35 содржина „низ П. ќе марширате“

Д.С. испраќа порака до Т.В. на 27.02.2017 време 20:21:56 содржина „да сон П. Т.“

Д.С. испраќа порака до Т.В. на 27.02.2017 време 20:22:08 содржина „и здруженија на беанители“

Т.В.од телефонски број ... испраќа порака на О. Ш. на број .... на 27.02.2017 време 21:59:56 содржина „се буди народ“.

О. Ш. испраќа порака на Т. В. на 27.02.2017 време 22:00:07 содржина „Многу луѓе денес“.

Т.В. испраќа порака до О.Ш. на 27.02.2017 време 22:00:25 содржина „Да“.

Т.В. испраќа порака до О.Ш. на 27.02.2017 време 22:00:33 содржина „утре повеќе“.

Т.В. испраќа порака до О. Ш. на 27.02.2017 време 22:00:43 содржина „задутре уште повеќе“.

О.Ш. испраќа порака на Т. В. на 27.02.2017 време 22:00:49 содржина „Супер“.

Т.В. испраќа порака на О.Ш. на 27.02.2017 време 22:00 со содржина „што викаш“.

Т. В. испраќа порака на О. Ш. на 27.02.2017 во 22:01:05 со содржина „ќе има резултат“.

О. Ш. испраќа порака на Т.В. на 27.02.2017 време 22:01:08 содржина „Само ми е нејасно кај ќе заврши ова“.

О.Ш. испраќа порака до Т. В. на 27.02.2017 време 22:01:11 содржина „Не знам“.

О.Ш. испраќа порака на Т. В. на 27.02.2017 време 22:01:16 содржина „Среднорочно да“.

Т. В. испраќа порака до О.Ш. на 27.02.2017 време 22:01:25 содржина „е тоа и јас незнам“.

О. Ш. испраќа порака на Т. В. на 27.02.2017 време 22:01:27 содржина „Ама за да се спречи влада не верувам“.

Т. В. испраќа порака до О. Ш. на 27.02.2017 време 22:01:45 содржина „нема“.

Т.В. порака до О.Ш. 27.02.2017 време 22:01:49 соржина „Влада“.

О.Ш. порака до Т.В. 27.02.2017 време 22:01:50 содржина „Да“.

О.Ш. праќа порака на Т.В. на 27.02.2017 време 22:01:55 содржина „?“

О.Ш. испраќа порака до Т.В. на 27.02.2017 време 22:02:01 содржина „Нема да има влада“.

О.Ш. испраќа порака до Т.В. на 27.02.2017 време 22:02:09 содржина „Или нема да се спречи влада“.

Т.В. испраќа порака до О.Ш. 27.02.2017 време 22:02:22 содржина „со сив ѕид ќе спречиме“.

Т. В. порака до О. Ш. 27.02.2017 време 22:02:26 содржина „ако треба“.

О. Ш. испраќа порака до Т. В. на 27.02.2017 време 22:02:45 содржина „:Д“, односно големо смајли со насмевка.

О. Ш. испраќа порака до Т.В. на 27.02.2017 време 22:02:42 содржина „Ке биде јако“.

О.Ш. испраќа порака до Т. В. на 27.02.2017 време 22:03:04 со содржина „Само да не биде контрапродуктивно“.

Д. Ј. од телефонски број ... испраќа порака на Т. В. на телефонски број ... на 28.02.2017 време 17:48:11 содржина „Преубаво е пак“.

Т.В. испраќа порака до Д.Ј. на 28.02.2017 време 17:52:39 со содржина „се појако и појако“.

Д.Ј. испраќа порака до Т.В. на 28.02.2017 време 17:55:07 со содржина „Само позитивно. Само толку прецедателе. Ова е народ“.

Д. Ј. испраќа порака до Т. В. на 28.02.2017 време 17:57:04 со содржина „Овие не се на сила. Овие се со срце“.

Т. В. од телефонски број ... испраќа порака до Д.С. на телефонски број ... на 28.02.2017 време 19:20:51 со содржина „како беше прилеп?“.

Д.С. испраќа порака до Т. В.на 28.02.2017 време 19:21:21 со содржина „страшно добро“.

Т.В. испраќа порака на Д.С. на 28.02.2017 време 19:23:32 со содржина „и сега насока“.

Д.С. испраќа порака на Т.В. на 28.02.2017 време 19:23:47 со содржина „утре пак“.

Т.В. испраќа порака на Д. С. на 28.02.2017 време 19:24:10 со содржина „комуњарите усрани се?“

Т.В. испраќа порака на Д.С. на 28.02.2017 време 19:24:28 со содржина „или си свиркаат“.

Д.С. испраќа порака на Т. В. на 28.02.2017 време 19:24:34 со содржина „го искршија кај харинизлогот“

Т. В. испраќа порака на Д. С. на 28.02.2017 време 19:40:16 со содржина „многу јако, полн со енергија си, во сала во собрание ќе ме браниш, покрај тебе и крсто немам гајле за воланот“

Д.С. испраќа порака на Т. В. на 28.02.2017 време 19:40:32 содржина „ахахах Договорено“.

Т .В. испраќа порака од телефонски број  испраќа порака на Д. Ј. ... на 28.02.2017 време 22:31:03 со содржина „Како беше на ОК“

Д. Ј. испраќа порака на Т. В. на 28.02.2017 време 22:34:57 со содржина „Добро беше. Да се засили со луѓе тоа беше темата. Дека утре можно е према сдсм да одиме и такаИсто и за герила акција, да снимаме советниците од сдсм да ги напаѓаме“.

Т. В. од телефонски број ... испраќа порака на С.У. на телефонски број ... на 02.03.2017 време 17:07:51 содржина „сакам да му се јавам на чавков да ги врати сите назад или сите да ги повлече. што викаш?“

С. У. испраќа порака до Т. В. на 02.03.2017 во 17:14:02 содржина „Не ве разбирам“.

С.У. испраќа порака до Т. В. на 02.03.2017 во 17:14:08 содржина „Овие што заминаа?“

С.У. испраќа порака на Т.В. на 02.03.2017 во 17:14:32 со содржина „Марина и Иван ги пуштив на прес“.

Т. В. испраќа порака до С.У. на 02.03.2017 време 17:14:37 со содржина „сите и тие што заминале“.

С.У. испраќа порака до Т.В. на 02.03.2017 време 17:14:45 со содржина „З. има прес сега“.

С.У. испраќа порака до Т.В. на 02.03.2017 време 17:15:08 со содржина „Па јас не би ги враќала“.

Т.В. испраќа порака на С.У. на 02.03.2017 време 17:15:14 со содржина „ми пишува марина“.

Т. В. испраќа порака до С.У. на 02.03.2017 време 17:16:08 со содржина „нека се вратат посрани или пак овие нека нка ги пцујат“.

Т.В. испраќа порака до С.У. на 02.03.2017 време 17:41:17 со содржина „веќе ги цепнав и му пишав на чавков, а утре сите ќе ги вратам во мвр“.

Т.В. од телефонски број ... испраќа порака на Д.С. на телефонски број ... на 18.03.2017 време 21:49:37 со содржина „многу јаки сте прилепчани, уште ќотек да им дадете на комуњарите“.

Д.С. испраќа порака на Т.В. на 18.03.2017 година време 21:50:00 поточно ова е слика, со наслов „Ова се лидерите на протестите во Прилеп“, слика,

4 поединечни слики, една групна слика и најдоле пишува „Не дозволувајте да ве злоупотребуваат криминалци и убијци“.

Т. В. испраќа порака до Д. С. на 18.03.2017 година време 21:50:08 содржина „видов“.

Д. С. испраќа порака на Т. В. на 18.03.2017 година време 21:50:21 со содржина „вечерва и утре најкасно“.

Д. С. испраќа порака на Т.В. на 18.03.2017 година време 21:50:25 со содржина „Договореное“.

Т. В. испраќа порака до Д.С. на 18.03.2017 година време 21:50:38 со содржина „Ќотекот“.

Д. С. испраќа порака на Т. В. на 18.03.2017 година време 21:50:38 „Како сте вие?“

Д. С. испраќа порака до Т. В. на 18.03.2017 година време 21:50:42 со содржина „Да“.

Т. В. испраќа порака до Д. С. на 18.03.2017 година време 21:50:00 со содржина „дупли нека биде“.

Д. С. испраќа порака на Т. В. на 18.03.2017 година време 21:51:00 со содржина „Ние сме спремни за молчење смајли“.

Т. В. испраќа порака до Д. С. на 18.03.2017 година време 21:51:18 со содржина „ке молчите“.

Д.С. испраќа порака на Т.В. на 18.03.2017 година време 21:51:29 „да смајли мумии“.

Т. В. испраќа порака на Д.С. на 18.03.2017 година време 21:51:42 со содржина „како талат“.

Д.С. испраќа порака до Т. В. на 18.03.2017 година време 21:51:49 со содржина „па нормално“.

Т. В. испраќа порака до Д. С. на 18.03.2017 година време 21:52:21 со содржина „животот е тркало, што правиш тоа ќе ти прават“.

Д. С. испраќа порака на Т. В. на 18.03.2017 година време 21:52:29 со содржина „само повеќе поезија и патриотска музика со звучник на блутут“.

Д. С. испраќа порака до Т. В. на 18.03.2017 година време 21:52:36 со содржина „да грми“.

Д. С. испраќа порака до Т. В. на 18.03.2017 година време 21:52:45 со содржина „душмани едно запаметете смајли“.

Т. В. испраќа порака на Д. С. на 18.03.2017 година време 21:53:14 со содржина „ќе биде многу интересно“.

Д. С. испраќа порака до Т. В. на 18.03.2017 година време 21:53:55 со содржина „битно од вторник воланот се подмачкува, конзервира и дирек в сеф“.

Д. С. праќа порака до Т. В. на 18.03.2017 година време 21:54:19 со содржина „А и Хан може да го среди тој е со Лауда другар смајли“.

Т. В. испраќа порака на Д. С.на 18.03.2017 година време 21:54:49 со содржина „вие сте спремни важно“.

Д. С. испраќа порака на Т. В. на 18.03.2017 година време 21:55:13 со содржина „ние сме приправни смајли“.

Д. С. испраќа порака на Т. В. ски на 18.03.2017 година време 21:56:32 со содржина „А од Крсто немаме информации можеби е на камп смајли“.

Т. В. испраќа порака на Д. С. на 18.03.2017 година време 21:57:00“ со содржина „на лов е“.

Т. В. испраќа порака на Д. С.на 19.03.2017 година време 17:41:08 со содржина „колку од прилеп“.

Д. С. испраќа порака на Т. В. на 19.03.2017 година време 17:41:32 со содржина „ама ова е за секој во својот град“.

Т. В. испраќа порака до Д. С. на 19.03.2017 година време 17:41:56 со содржина „не доаѓате за с.“.

Д. С. испраќа порака на Т. В. на 19.03.2017 година време 17:42:03 со содржина „не не“.

Т. В. испраќа порака на Д. С. на 19.03.2017 година време 17:42:19 со содржина „е па ништо“.

Д. С. испраќа порака до Т. В. на 19.03.2017 година време 17:42:37 со содржина „смајли добро е што сега и Ск е јако смајли“.

Т. В. од телефонски број ... испраќа порака на Дејан Јабуче телефонски број ... на 19.03.2017 година во 22:16:18 со содржина „како е деки“.

Т. В. испраќа порака на Д. Ј. на 19.03.2017 година време 22:16:29 со содржина „беше на ОК“

Д. Ј. испраќа порака на Т. В. на 19.03.2017 година време 22:19:55 со содржина „Здраво претседателе. Да бев. Беше добро беа сите прецедатели на мк, како и функционери. Договоривме за утре во 13 кај онаа од Г. и послем стандард. Дека треба да се притиска полека за помасовно. Од школи до градинки, и се што може“.

Т. В. испраќа порака на Д.Ј. на 19.03.2017 година време 22:20:43 со содржина „а за вторник“.

Д. Ј. испраќа порака на Т. В. на 19.03.2017 година време 22:22:40 со содржина „Може не дозираат“.

Д.Ј. испраќа порака на Т. В. на 19.03.2017 година време 22:22:32 со содржина „Вторник исто кажаа дека може пред зградата на еу, да бидеме спремни и тоа. Но немаше конкретно термин дали ќе биде порано или нешто поинаку“.

Т.В. му праќа порака на Д.Ј. на 19.03.2017 година време 22:23:09 „ќе биде интересно неделава“.

Д.Ј. испраќа порака на Т.В. на 19.03.2017 година време 22:25:24 со содржина „Мора да издржиме. Немаме друг избор. Мора да дадеме се од себе. Без штедење. Можеби малце и да појачаме во секој поглед. По радикално.

Т.В. испраќа порака на Д.Ј. на 19.03.2017 година време 22:25:47 со содржина „Да“.

Д.Ј. испраќа порака на Т.В. на 19.03.2017 година време 22:29:14 со содржина „С. може да појача доста, само треба раководните лица да преземат во нивните фирми, да не иде се преку општински. Ова е најдобра алатка која носи најдобри резултати, сум ја согледал на неколку наврати. Ако се даде насока кај нас на раб, ги вадам сите од список од 2006 навака, и наместо како секој ден 10 луѓе ќе дојдат 200. Во тој контекс говорам, лица средени а не се во ниеден ок смајли“.

Д.Ј. испраќа порака на Т.В. на 19.03.2017 година време 22:29:42 со содржина „Така може бар 15 ден да ги имаме на куп“.

Д.Ј. испраќа порака до Т.В. на 19.03.2017 година време 22:30:13 со содржина „Во зависност од потребата може и постепено институција по институција“.

Д.Ј. испраќа порака на Т.В. на 19.03.2017 година време 22:30:43 со содржина „Да не ги штедиме веќе ресурсите. Да не ни останат непотребени“.

Т.В. испраќа порака на Д.Ј. на 19.03.2017 година време 22:31:27 со содржина „има љутина кај народот и треба да се искористи“.

Дејан Јабуче испраќа порака на Т.В. на 19.03.2017 година време 22:34:23 со содржина „20 дена има континуитет. С. може многу многу повеќе. Со скромни заложби можеме да кренеме x 5 одма. И малце да се зазустри. Нема дражж, пешачиме 15 мин, стоиме кај вас 15 мин и си одиме. Мора да смениме малце на по Македонско по радикално. Јас така мислам може и грешам“.

Т.В. праќа порака до Д.Ј. на 19.03.2017 година време 22:35:23 со содржина „ај ќе биде“.

Д.Ј. испраќа порака на Т.В. на 19.03.2017 година време 22:38:07 со содржина „Залихи на муниција во мвр има само 35 илјади куршуми. Или 3 часа дејствување. Овој шиптаров ги има закочено сите постапки за

набавка. Исто важи и за храна на сите единици. Чисто како инфо. Кумашинот е таму нели шеф па да знаете“.

М.П. од телефонски број ... испраќа порака на Т. В. на телефонски број ... на 26.04.2017 година време 00:49:34 со содржина „им се бројат деновите на комуњариве“.

Т.В. испраќа порака на М. П. на 26.04.2017 година време 00:49:56 со содржина „така е мете“.

Н. Г. од телефонски број ... испраќа порака на Т.В. на телефонски број ... на 26.04.2017 година време 10:58:29 со содржина „Од Чавков: „Добро утро Директоре Да ве известам, во моментов добив информација од лојален колега албанец, дека денес околу 13-13.30 часот се планира нешто од „другава страна“ да се направи во собрание, дали инцидент, дали со сила изгласување на претседател на собранието или нешто слично на тоа. Во моментов немам поконкретни информации освен ова, ако добијам веднаш ќе ве барам“.Од повеќе извори - информации во тој правец“.

С. У. од телефонскиот број ... праќа порака на Т. В. на 26.04.2017 година време 11:38:39 со содржина „Обезбедувањето може да влезе во сала додека трае седницата само кога вие ќе го повикате“.

С.У. порака до Т. В. на 26.04.2017 година време 11:40:01 со содржина „Доколку ка прекинете седницата тогаш ги отвараат вратите и стојат на врати. Во тој случај нема потреба да ги повикувате“.

Т. В. телефонски број ... испраќа порака на Д.С. на телефонскиот број ... на 26.04.2017 време 12:03:55 со содржина „кај се комуњариве“.

Д.С. испраќа порака на Т. В. на 26.04.2017 година време 12:04:50 со содржина „Беа сите во клубот... плус Такат“.

С.У. од телефонски број ... испраќа порака на Т.В. на телефонски број ... на 26.04.2017 година време во 12:22:01 со содржина „Се претчувствува нешто?“

Т.В. испраќа порака на С.У. на 26.04.2017 година време 12:22:32 со содржина „Не“.

Т.В. испраќа порака на С.У. на 27.04.2017 година време 13:25:01 со содржина „дали е заклучена сала борис трајковски“.

С.У. пишува порака на Т.В. на 27.04.2017 година време 13:25:28 со содржина „Ќе прашам“

С.У пишува порака на Т.В. на 27.04.2017 година време 13:25:24 со содржина „Незнам“.

С.У. пишува порака на Т.В. на 27.04.2017 година време 13:31:06 со содржина „Отворена е“.

Т.В. пишува порака на С.У. на 27.04.2017 година време 13:31:33 со содржина „да ја затворат?“

С.У. пишува порака на Т.В. на 27.04.2017 година време 13:31:43 со содржина „Сега не“.

С.У. пишува порака на Т.В. на 27.04.2017 година време 13:32:03 со содржина „Ќе ве обвинат вас“.

Т. В. пишува порака на С.У. на 27.04.2017 година време 13:32:11 со содржина „Ок“.

С.У. пишува порака на Т.В. на 27.04.2017 година време 13:34:41 со содржина „Салата била нон стоп отворена бидејќи таа е и библиотека“.

С.У. пишува порака на Т.В. на 27.04.2017 година време 13:34:53 со содржина „Така било цело време“.

Т.В. пишува порака на С.У. на 27.04.2017 година време 13:35:57 со содржина „Ок“.

Т.В. пиушува порака на С.У. на 27.04.2017 година време 13:36:04 со содржина „само прашав“.

С.У. пишува порака на Т.В. на 27.04.2017 година време 14:51:52 со содржина „Да ве изформирам дека З. имаше прес во собрание и процедурално на седница и најави дека мнозинството ќе го избере претсрдателот на собрание. Местото може да е во сала во собрание, во ходник, на скали, во ману, на правен факултет... Моментот бил дојден и тој би сакал во понеделник Хојт Ји кога ќе дојде Т. да биде претсрдател. Вечерва имаат централен одбор и мислам дека утре ќе се обидат да го направат изборот“.

Т. В. од телефонскиот број ... истава оваа порака му ја препраќа на Н.Г. на телефонскиот број ... на 27.04.2017 година во 14:54:17 часот.

Т.В. од телефонскиот број ... праќа порака на Г. обезбедување на телефонски број ... на 27.04.2017 година време 15:30:11 со содржина „утре ид сабајле побарај го душко и кажи му ги мерките“.

Г. обезбедување испраќа порака на Т. В. на 27.04.2017 година време 15:31:31 со содржина „Да да секако“.

Н. Г. оед телефонски број ... испраќа порака на Т. В. на телефонски број ... на 27.04.2017 година време 16:04:14 со содржина „Од панче кралев: од дуи информација од човек што дојде од состанок со талат: денес за попладне после 17 часот се спрема избор на талат за претседател по иницијатива на сдс“.

Т. В. од телефонски број ... праќа порака на И.Д. на телефонски број ... на 27.04.2017 година време 16:07:49 со содржина „гледајте ако стварно го бираат талат во 17 часот“.

Т.В. испраќа порака на И.Д. на 27.04.2017 година време 16:08:17 со содржина „одма 10 тина пратеници пред кабинет кај мене“.

Т.В. испраќа порака на И.Д. на 27.04.2017 година време 16:08:32 со содржина „за да го бранат кабинетот“.

Т.В. испраќа порака на И. Д. на 27.04.2017 година време 16:09:48 со содржина „пола пред кабинет пола во сала“.

И. Ц. од телефонски број ... испраќа порака на Т. В. на телефонски број ... на 27.04.2017 година време 18:21:24. Од ова UTC + 02:00 со содржина „Уште стојат двете страни, Д. од 24 вести прави пренос во живо од Галерија во Сала 1“.

Т.В. од телефонски број ... испраќа порака на И. Д. на телефонски број ... на 27.04.2017 година време 18:32:40 и повторно UTC + 02:00 со содржина „Ќе има шатори“.

Д.С. од телефонски број ... испраќа порака на Т.В. на телефонски број ... на 27.04.2017 година во 18:32:44 со содржина „а да се гаснат полека светлава?“

И. Д. од телефонски број ... испраќа порака на Т. В. на телефонски број ... на 27.04.2017 година време 18:39:05 со содржина „Го прогласија Т.“.

Т. В. испраќа порака на И. Д. на 27.04.2017 година време 18:39:29 со содржина „види пратеници пред кабинет да дојдат“.

Т.В. испраќа порака на И.Д. на 27.04.2017 година време 18:39:39 со содржина „ако тргнат наваму“.

И. Д. испраќа порака на Т. В. на 27.04.2017 година време 18:39:45 со содржина „Ок“.

Т. В. испраќа порака на И.Д. на 27.04.2017 година време 18:40:06 со содржина „пушти 5 пратеници пред кабинет“.

И.Ц. од телефонски број ... испраќа порака на Т.В. на телефонски број ... на 27.04.2017 година време 18:40:49 со содржина „Талат Џафери се обраќа како претседател на Собранието“.

Т.В. од телефонски број ... испраќа порака на Н. Т. на телефонски број ... на 27.04.2017 година време 18:41:11 со содржина „народ нека се собере“.

Т. В. од телефонски број ... испраќа порака на И. Д. на телефонски број ... на 27.04.2017 година време 18:49:29 UTC + 02:00 со содржина „влегува народот“.

Т.В. од телефонски број ... испраќа порака на К.М. на телефонски број ... на 28.04.2017 година време 14:24:20 со содржина „Човекот кажа дека кај вратите скоро и ништо не се гледа една камера има оддалеку и матна“.

К. М. испраќа порака на Т. В. на 28.04.2017 година време 14:29:09 со содржина „Ок ми кажа човекот ама не е лошо некако да се слушнеш со мојот колега што вчера вечер беше кај тебе, тој е отиден кај на разговор кај едендруг човек што треба да ја потврди целата ситуација и да гарантира дека ќе е така како што кажуваш, мислам декка треба да им се укаже на сериозноста на целава работа".

К. М. праќа порака на Т. В. на 28.04.2017 година време 14:31:14 со содржина „И пишими те молам ко ќе имаш инфо".

К. М. испраќа порака на Т.В. на 28.04.2017 година време 16:08:18 со содржина „Извини те малтретирам, има нешто ново".

Т.В. испраќа порака до К.М. на 28.04.2017 година време 16:15:11 со содржина „не се видов".

Т. В. испраќа порака до К. М. на 28.04.2017 година време 16:15:24 со содржина „но така е".

Т.В. испраќа порака до К.М. на 28.04.2017 година време 16:15:34 со содржина „како што ти пишав".

К. М. испраќа порака до Т.В. на 28.04.2017 година време 16:17:22 со содржина „Ок фалати, ко ќе се видиш пишими те молам поз".

Т.В. испраќа порака до К. М. на 30.04.2017 година време 12:16:52 со содржина „само муабет било".

Т.В. испраќа порака до К. М. на 30.04.2017 година време 12:17:24 со содржина „така вика човекот".

Т.В. до К. М. испраќа порака на 30.04.2017 година време 12:17:33 со содржина „демек немало ништо".

К. М. испраќа порака до Т.В. на 30.04.2017 година време 12:18:40 со содржина „И ја така велам дека некој исклеветил".

Т.В. испраќа порака на К. М. на 30.04.2017 година во 12:19:02 со содржина „така е".

Т.В. испраќа порака на К. М. на 30.04.2017 година во 12:19:19 со содржина „зошто ја пееше ти химната"

К. М. ки му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:19:32 со содржина „Да се демантира".

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 во 12:19:22 со содржина „Се чув со Иле, Иво и Никола Т да видат дали треба".

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:19:40 со содржина „Оти од вчера".

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:19:54 со содржина „На репортер пишуваше".

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:20:01 со содржина „За Јохан“.

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:20:09 со содржина „Денес за мене“.

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:20:32 со содржина „И прават цела прикаска“.

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:20:39 со содржина „И конструкција“.

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:20:52 со содржина „Треба да размисла“.

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:21:06 со содржина „За да не се прошири по“.

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 во 12:21:14 со содржина „Другиве медиум“.

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:21:36 со содржина „И да им поверуваат дека“.

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 во 12:21:43 со содржина „Сето сме го“.

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:21:54 со содржина „Изрезирале“.

К. М. му испраќа порака на Т.В. на 30.04.2017 година во 12:22:14 со содржина „Тоа им е сега главната цел!!“

С. Б. со телефонски број ... му испраќа порака на Т.В. со телефонски број ... на 01.05.2017 година во 17:51:05 со содржина „Шефе се јави А. и се колнеше во детето дека таа ништо не ги малтретирала, дека им дала посебна соба да пишуваат изјави, дека таа била никогаш немало некој наш да насамари, дека Н. вршел притисок ама службените белешки покажале дека Г. не е крив, дека нема да му се бендиса тоа што го има собрано, но таа неможе да оди против вистината. велеше дека ако треба ќе дојдела да објасни се.....поздрав дома и Бог да биде со Вас, сите нас и М.!“

Т.В. од телефонскиот број ... на Г. Ѓ. на телефонскиот број ... на 01.05.2017 година во 18:35:47 ја препраќа истата оваа порака.

Д.С. од телефонски број ... на Т.В. на телефонски број ... на 03.05.2017 година во 17:52:14 му испраќа порака со содржина „овие од предавници ќе ги направиме херои“.

Т.В. му испраќа порака на Д.С. на 03.05.2017 година во 17:52:26 со содржина „Да“.

Д.С. му испраќа порака на Т.В. на 03.05.2017 година во 17:55:02 со содржина „мене ми е едно енигма:“

Д.С. му испраќа порака на Т.В. на 03.05.2017 година во 17:55:21 со содржина „кој му рече на здружениjава да тргаат уште во 13 часот... кој знаеше“.

Т.В. му испраќа порака на Д.С. на 03.05.2017 година во 17:55:40 со содржина „а што им рекле“

Д.С. му испраќа порака на Т.В. на 03.05.2017 година во 17:56:02 со содржина „да тргаат за ск“.

Д.С. му испраќа порака на Т.В. на 03.05.2017 година во 17:57:28 со содржина „можеби ама кој им рекол... и кој проценил дека она е добро“.

Т.В. му испраќа порака на Д.С. на 03.05.2017 година во 17:59:00 со содржина „е тоа и јас не го знам“.

Д.С. му испраќа порака на Т.В. на 03.05.2017 година во 17:59:51 со содржина „Тотал“.

Д.С. му испраќа порака на Т.В. на 03.05.2017 година во 17:59:45 со содржина „Лоша проценка...“

Д.С. му испраќа порака на Т.В. на 03.05.2017 година во 18:00:58 со содржина „требало од првиот ден и да е координирано да се знае до каде...и кој колку “.

Д.С. му испраќа порака на Т.В. на 03.05.2017 година во 18:01:15 со содржина „Вака...слободни стрелци“.

Митко Чавков од телефонски број Д.С. му испраќа порака на Т.В. на телефонскиот број Д.С. на 09.05.2017 година во 12:18:01 со содржина „Пишими податоци за Леви“.

Т.В. му испраќа порака на Митко Чавков на 09.05.2017 година во 12:18:24 со содржина „Горан Гошевски“.

Т.В. од телефонскиот број ... му испраќа порака на Горан Ѓошевски на телефонскиот број ... на 09.05.2017 година во 12:21:33 со содржина „зборев со чавков и му ги пуштив податоците и иницијативата за дисциплинска“.

Т.В. му испраќа порака на Горан Ѓошевски на 09.05.2017 година во 12:22:09 со содржина „тој вика дека тие си имале овластување од дбк за да влезат“.

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 09.05.2017 година во 12:25:44 со содржина „Значи им паѓа во вода дека не сум имал надлежност за издавање наредби“.

Т.В. му испраќа порака на Горан Ѓошевски на 09.05.2017 година во 12:28:35 со содржина „така кажа, ти побарај го за да ти кажи што да кажиш и пишиш".

Горан Ѓоѓевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 година во 21:04:41 со содржина „има нешто".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 година во 21:05:13 со содржина „Се се врти околу мене поради Чавков да знаете".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 година во 21:06:02 со содржина „Веќе не знам до кога ќе издржам затоа што немам никаква заштита најмалку од него".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 во 21:06:06 со содржина „Само од вас".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 во 21:06:24 со содржина „Велје ќе одат може и до обвинителство".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 година во 21:06:53 со содржина „Сдсм си ги заштити своите".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 во 21:07:00 со содржина „Шиптарите своите".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 во 21:07:47 со содржина „Шиптарот што бил на главен влез демек што го спасувал села не дава изјави кажал дека он дава само изјави кај неговите".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 во 21:08:03 со содржина „И мислам дека се он кажал што се случуваше доле".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 во 21:09:13 со содржина „Кој отварал и ние што сме биле долу".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 во 21:09:27 со содржина „„Наводно дека сме барале да го отворат вратите".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 во 21:09:34 со содржина „Многу се собра".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 во 21:11:03 со содржина „Чавков само штета нк направи".

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 во 21:13:01 со содржина „Абдулфета Алими е полицаецотбод внатрешно обезб што кажал се на Албанците".

Т.В. од телефонскиот број ... на Џ.А. на телефонскиот број ... му испраќа порака на 11.05.2017 во 21:20:31 с о содржина „збореше со агим?"

Џ.А. му испраќа порака на Т.В. на 11.05.2017 во 22:13:43 со содржина „Не бил на емисија утре сабајле во партија ќе дојде. и Артан му се јавил..."

Т.В. му испраќа порака на Џ.А. на 11.05.2017 во 23:16:16 со содржина „гледај да завршиш работа, ќе добие нервен слом, ќе го носиме на душа“.

И.Д. од телефонскиот број ... му испраќа порака на Т.В. на телефонскиот број ... на 12.05.2017 во 12:00:32 со содржина „А за кој тројца се сомневаат дека ги воделе до прес-центарот?“

Горан Ѓошевски му испраќа порака од телефонскиот број ... на Т.В. на телефонскиот број ... на 23.05.2017 во 10:26:40 со содржина „Требаше кога ми врација решение“.

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 23.05.2017 во 10:26:54 со содржина „И вчера на телма ги пуштија снимките“.

Т.В. му испраќа порака на Горан Ѓошевски на 23.05.2017 во 10:31:21 со содржина „ги видов“

Т.В. од телефонскиот број ... му испраќа порака на И.Д. на телефонскиот број ... на 23.05.2017 во 10:42:18 со содржина „само да знаеш многу им е битна ком за избори,“

Горан Ѓошевски од телефонскиот број ... му испраќа порака на Т.В. на телефонскиот број ... на 23.05.2017 во 10:47:39 со содржина „Како што ви кажав и нема ништо контакт мој со пратеници и демонстранти“

Т.В. му испраќа порака на Горан Ѓошевски на 29.05.2017 во 17:12:37 со содржина „само една камера има во холот“

Горан Ѓошевски му испраќа порака на Т.В. на 29.05.2017 во 17:13:01 со содржина „Само таа е што излегоа снимките“

Т.В. му испраќа порака на Горан Ѓошевски на 29.05.2017 во 17:13:10 со содржина „ок“

Од претходно наведените Вибер и СМС пораки јасно произлезе дека протестите кои се одржуваа секојдневно беа добро организирани, а за истите Т.В. постојано имал комуникација со пратеници и други луѓе. Судот мора да ја нагласи пораката која што Н. Г. од телефонски број ... ја испраќа на Т.В. на телефонски број ... на 26.04.2017 година време 10:58:29 со содржина „Од Чавков: „Добро утро Директоре Да ве известам, во моментов добив информација од лојален колега албанец, дека денес околу 13-13.30 часот се планира нешто од „другава страна“ да се направи во собрание, дали инцидент, дали со сила изгласување на претседател на собранието или нешто слично на тоа. Во моментов немам поконкретни информации освен ова, ако добијам веднаш ќе ве барам“.Од повеќе извори - информации во тој правец“. Од ова произлегува дека уште претходниот ден, а тоа е 26.04.2017 година веќе се зборувало дека се планира нешто, а тоа е избор на Т. Џ. за претседател на Собранието, но полицијата ништо не превземала. Дека она што се случи во Собрание на ден 27.04.2017 година е претходно добро организирано се гледа и од пораката која ја испраќа лице по име М. П. од телефонски број ... на Т. В. на телефонски

број ... на 26.04.2017 година време 00:49:34 со содржина „им се бројат деновите на комуњариве“, а тоа е само еден ден пред настаните во Собрание. На оваа порака Т.В. испраќа порака на М.П. на 26.04.2017 година време 00:49:56 со содржина „така е мете“. Воедно мора да се нагласи и пораката која што Т.В. ја испраќа на Д. С. на 28.02.2017 време 19:40:16 со која меѓу останатото му вели дека во сала во Собрание ќе го брани и покрај него и Крсто нема гајле за воланот. Конечно во овие пораки се зборува и за здруженијата што е видно од пораката која Д. С. му ја испраќа на Т. В. на 03.05.2017 година во 17:55:21 со содржина „кој му рече на здруженијава да тргаат уште во 13 часот... кој знаеше“, а се мисли на патриотските здруженија и нивното тргнување за С.

Согласно наредба КО бр 66/17 од 01.12.2017 година за вештачење на мобилен уред одземен од обвинетиот К. М. доставен е извештај МУ бр. 174-2017 од 25.12.2017 година, Вибер комуникација на ден 27.04.2017 година, како и имесиџ комуникација на критичниот ден 27.04.2017 година од мобилен уред марка „Ајфон“ модел „А1784“ со ИМЕИ бр. ...кои се на ДВД локација на патека: DVD/01 iPhone A 1784/SIM Card/Logical / Report.html“. Се работи за комуникација на Вибер група и учесниците на комуникацијата се наведени во табела број ... И. С.; ... А. Ѓ.; ... ГК; ... С.С.; ... Т. Д.; ... Ѓ. К.; ... З. К., ... Ц.; ... С. К.; ... А. А.; ... П. Т.; ... Н. М.; ... М. К.; ... Б.К.; ... Ц. Т., ... М.Ј.; ... Л. К.; ... Ј.; ... Р. К.; ... Г.Ј.; ... Qf95VM1JvFQ, ... В. П.; ... Д. Д; ... QhHkMDsJ1Ik; .... М. К.; +38978270372 С.Л.; ... С. Р.; ... Л. П.; ... З. П.; ... О.; ... Е. Д.; ... Д. Д.; ... К.; ... А. колега; ... Д. УЗ; ... Н. УМС; ... В. штаб.

Екстратирана комуникација на наведената група на ден 27.4.2017 година. М.К. датум 27.04.2017 време 13:47 (UTC +2) со содржина „известени се ОК.“

Ц.Т. време 17:48 (UTC +2) со содржина „Што се дешава во собраниска сала“

Ц. Т. време 17:48 (UTC +2) со содржина „???“

Ј. време 17:52 (UTC +2) со содржина „Се брани М.“

Ј. време 17:52 (UTC +2) со содржина „Удрија душмани“

Ј. време 17:53 (UTC +2) со содржина „Нема назад“

В.П. време 17:54 (UTC +2) со содржина „браќа и сестри нема пуштање ако треба ќе гинеме за м.“

С. Р. време 18:53 (UTC +2) со содржина „Појачајте од секаде“

С. Р. време 18:53 (UTC +2) со содржина „Максимум“

С.Л. време 18:53 (UTC +2) со содржина „з. одржува прес во моментот“

А. А. време 19:18 (UTC +2) со содржина „Толку подобро“

Р. колега време 19:18 (UTC +2) со содржина „а Валадата?“

А.А. време 19:24 (UTC +2) со содржина „многу е жешко во сака“

М.Ј. време 19:27 (UTC +2) со содржина „Пред Собрание“

А.А. време 19:28 (UTC +2) со содржина „горе ги тепаат нашиве“

А.А. време 19:28 (UTC +2) со содржина „На комуњариве“

М.Ј. време 19:33 (UTC +2) со содржина „Повеќе и повеќе народ“

С.Л. време 20:12 (UTC +2) со содржина „Села може да е веќе аут“

С.С. време 20:12 (UTC +2) со содржина „50 возила и автобус б.“

М.Ј. време 22:33 (UTC +2) со содржина „Да. го завземеме просторот“

Од телефонскиот број ... кој нема име но е само Qf95VM1JvFQ време 20:36 (UTC +2) со содржина „Зоки требаше до сега на едно друго место да биде... ама и за тоа друг пат“

Вибер комуникација помеѓу К.М. и М.Ј. на 27.04.2017 година. К. време 12:42 (UTC +2) со содржина „З. се јави за процедурално??!!!!“

М.Ј. време 13:29 (UTC +2) со содржина „Одете по нив. кај и да се движат“

М.Ј. време 17:59 (UTC +2) со содржина „Свири бе брат“

М.Ј. време 18:19 (UTC +2) со содржина „Алал вера за денес брат“

Крсто време 18:25 (UTC +2) со содржина „Фалати, мора малку да е тензично надвор за да се префрли фокусот таму“

М.Ј. време 18:26 (UTC +2) со содржина „Да да“

К. време 18:27 (UTC +2) со содржина „Оти тука се сите камери и тензичное, цело време го прашуваат З. неговиве што да прават“

М.Ј. време 18:37 (UTC +2) со содржина „Да му застаниш.на.овој пред него.што чита“

М.Ј. време 18:37 (UTC +2) со содржина „Пред него застани.си“

К. време 18:38 (UTC +2) со содржина „Ќе напрајме промлем нека почнат тие први“

М.Ј. време 19:10 (UTC +2) со содржина „Качете се дел во прес салата каде е з.“

Лицето „Колешка Ч.“ пишува на вибер група на ден 27.04.2017 година. Колешка Ч. време 18:14 (UTC +2) со содржина „Дај боже да влеземе да ги затепаме ихааааа од 13.30 чекаме хахахахаха“

Колешка Ч. време 18:49 (UTC +2) со содржина „вле з е наросотрр“

Колешка Ч. време 18:49 (UTC +2) со содржина „влеговмееее“

Колешка Ч. време 18:49 (UTC +2) со содржина „Влегооовме аје прауеници“

Колечка Ч. време 18:53 (UTC +2) со содржина „Отворете ги предните вратииииии“

Колешка Ч. време 18:54 (UTC +2) со содржина „Шекрка мене остајте ми ја отварајте дечки вратите“

Колешка Ч. време 18:55 (UTC +2) со содржина „Бквговме“

Колешка Ч. време 18:55 (UTC +2) со содржина „Влеговмееееее“

Колечка Ч. време 18:55 (UTC +2) со содржина „Ајдееееееееe“

Колешка Ч. време 19:15 (UTC +2) со содржина „Пуштајте клима изгинаа луѓево“

К. датум 05.05.2017 време 15:02 (UTC +2) му испраќа порака на Т. В. со содржина „Шефе како си, се видовте со човекот договоривте нешто?“

Т.В. датум 05.05.2017 време 15:05 (UTC +2) му испраќа порака на Крсто со содржина „вчера се видивме и на правивме муабет“.

К. датум 05.05.2017 време 15:07 (UTC +2) му испраќа порака на Т.В. со содржина „Ок супер,“

К. датум 15.05.2017 време 21:45 (UTC +2) му испраќа порака на Т.В. со содржина „Ништо ново за локалниве повеќе и овие гнасиве си ја држат темата за „собрание““

Т.В. датум 15.05.2017 време 21:46 (UTC +2) му испраќа порака на Крсто со содржина „тие само тоа ќе зборат“

Т.В. датум 15.05.2017 време 21:46 (UTC +2) му испраќа порака на К. со содржина „а ние за да не бидеме лесна кокошка ќе свртиме два три круга и ќе се предадеме“

К. датум 15.05.2017 време 21:47 (UTC +2) му испраќа порака на Т.В. со содржина „Нормално имаат џокер во рака, а за предавање се е до нас ако одлучиме така ќе биде ако не...“

К. датум 15.05.2017 време 21:50 (UTC +2) му испраќа порака на Т.В. со содржина „Само договор треба помеѓу нас од првите три реда во скупштина за идни чекори и се ќе биде поинаку, може да се прават разни комбинации во собрание барем така мислам“.

Од наведените пораки јасно произлезе дека настаните од 27.04.2017 година не се случајни, туку истите се добро организирани. Пред да се случат настаните има повеќе комукации помеѓу пратеници и високи функционери од ВМРО ДПМНЕ кои бараат да има повеќе народ. Интересна е пораката на лицето кое е запишано како колешка Ч. која испраќа порака во 18:14 со содржина „Дај боже да влеземе да ги затепаме ихааааа од 13.30 чекаме хахахахаха“.

Од Вештачење бр. МУ 165-2017 од 29.11.2017 година на УСБ мемориски уред марка Verbatim со капацитет од 16 GB, екстрактирана на локација: USB Report's/Report Samsung Galaxy S6 Edge/Samsung GSM_SM-G925F Galaxy S6 Edge/Report.html. се гледа СМС комуникација од телефонот на В. М.

Датум 27.04.2017 време 18:00:40 (UTC +2) од број ... лице Б. А. пишува, ја пишува следната порака со содржина „Што му беше на тој будалата од Беса, хахахахахахахахахаха“.

Бројот ... на 27.04.2017 во 18:04:09 (UTC +2) прима порака со следната содржина „Скроз е без памет. Се е сценарио.“

Бројот ... во 18:06:34 (UTC +2) испраќа порака со содржина „Ќе ти го ебам сценариото на жената сите кај гробот на тајар“.

Бројот ... во 19:03:41 (UTC +2) прима порака со следната содржина „Поздрав профи. Сега успеав да гледам вести. Дали си внатре? Дали сте на сигурно? Дај боже ќе помине добро да заврши оваа работа без проблем. Се слушаме“.

В.М. од телефонскиот број ... во 19:04:17 (UTC +2) испраќа порака со следната содржина „Во ред сме. Во друга сала сме“.

Од бројот ... во 19:04:18 (UTC +2) добива порака од лице А.Н. со следната содржина „В. каде си дали си добар дали треба нешто да направиме“.

В.М. на истиот број во 19:04:46 (UTC +2) испраќа порака со следната содржина „Не не во ред сме. Во друга сала сме“.

Во 19:04:52 В.М. добива порака од телефонскиот број ... со следната содржина „Ок профи, убав помин, Господ да те чува ќе се слушнеме. Поздрав“.

Во 19:05:31 В.М. добива порака од телефонскиот број В.М. со следнава содржина „Збори јас сум ...“

В.М. во 19:06:01 испраќа порака „благодарам (кратенка флм). Во ред е“.

На истиот број кој претходно му имаше испратено порака од истиот број во 19:06:21 (UTC +2) прима порака со следната содржина „Ок поздрав“.

Од бројот В.М. во 19:24:21 (UTC +2) добива порака „каде си проф. како си внимавај“.

Од бројот ... во 19:20:53 (UTC +2) добива порака со следната содржина „профи Е. сум дали треба нешто не ми чини мојот телефон. Да дојдеме во С.“.

Од телефонскиот број ... во 19:27:55 (UTC +2) на кој има име Ф.Б. добива порака со следанта содржина „Претседател дали си добар...Ги гледам случувањата трагедија кажи дали да се организираме да дојдеме да те повлечеме“.

В.М. испраќа порака на А. Ј. на телефонски број ... во 19:31:34 (UTC +2) со следната содржина „Добар сум јас. Но ситуацијата е многу лоша“.

В.М. испраќа порака на бројот ... кој се води на Ф.Б. во 19:32:25 (UTC +2) со следната содржина „Добар сум јас но ситуацијата е многу лоша. Не нема потреба“.

В.М. испраќа порака на телефонскиот број ... во 19:33:22 (UTC +2) со следната содржина „добар сум јас. Не нема потреба бидејќи ситуацијата не чини. Нема потреба да доаѓате“.

Од телефонскиот број ... име Ф.М. во 19:33:47 (UTC +2) добива порака со следната содржина „Дали сте вие каде се протестантите во таа сала или во друго место“.

На истиот број во 19:34:12 (UTC +2 В.М. праќа одговор со следната содржина „На друго место сме. Добар сум“.

Од истиот број кој се води на Ф.М. добива порака во 19:34:34 (UTC +2) со содржина „Ок“.

Од телефонски броеви ... кој се води на име Џ. Џ. во 19:45:45 (UTC +2) и од телефонски број ... кој се води на име А. Ј. во 19:34:45 (UTC +2) добива порака со следна содржина „Профи да дојдеме да те земеме, ако нешто е ризично ќе дојдеме ние ќе те земеме“.

В.М. во 19:46:20 (UTC +2) испраќа порака на бројот ... кој се води на Џ. Џ. со следната содржина „Не Џ. останете таму. Останете таму“.

В. М. прима порака од телефонски број ... кој се води на Џ. Џ. во 19:47:50(UTC +2) со следната содржина „Во ред ок за секој случај кажи спремни сме“.

Од телефонскиот број ... кој се води на лице М. во 19:53:32 (UTC +2) добива порака со следната содржина „Профи дали си добар каква е ситуацијата“.

В.М. испраќа порака на истиот телефонски број во 19:54:27 (UTC +2) со следната содржина „Јас сум добар. Ситуацијата не е добра“.

В.М. во 19:55:37 (UTC +2) добива порака од истиот број кој се води на М. со следната содржина „Шуќур што ти си добар“.

Од наведените пораки јасно произлезе дека пратеникот В.М. зборува дека ситуацијата не е добра, но тука е интересна и пораката која тој ја добива од лицето Б. А. и е со содржина „Што му беше на тој будалата од Беса, хахахахахахахахахаха“. Очигледно истиот мисли на пратеникот

кој ја пееше албанската химна во Собранието, а тоа е Зекирија Ибрахими. Всушност пратеникот В.М. и во својот исказ јасно посочи дека според него се работи за смислено сценарио на 27.04.2017 година, бидејќи иако пратеникот З. И. не бил јавен за збор претседавачот Т.В. му одобрил да се обрати па истиот ја испеа албанската химна.

Видно од Вештачење врз телефонот на А.К. согласно со наредба РО бр. 949/17 од 01.06.2017 дадена од ОЈО С. за вештачење на мобилниот уред марка „Black View“ B500 со ИМЕИ број ... и ... одземен од лицето А. К. од доставениот извештај МУ бр. 75-2017 од 13.07.2017 година Viber chats – 122, Facebook chat-87 и chat-107, извадена е СМС комуникација од 20.04.2017 до 24.04.2017 година како и слики.

Фејсбук комуникација помеѓу лицето Д. М. и А. К. која се одвивала на 24.03.2017 во 14:36 ((UTC +1) првата порака е празна, нема текст.

На 27.03.2017 во 09:20 (UTC +2) лицето Д.М. на Фејсбук месинџер му пишува на А. Ш. К. порака со следната содржина „Почитувани, продолжува протестот за ЗАЕДНИЧКА М. за М. СЕ РАБОТИ зборно место пред музејот на ВМРО во 16 и 45, се замолуваат сите за помасовно присуство поздрав“.

На истиот датум во 15:05 (UTC +2) А. Ш. К. му пишува на лицето Д.М. порака со следната содржина „Деко што правиш?“.

На истиот датум во 15:05 (UTC +2) А. .Ш. К. му пишува повторно на лицето Д.М. „Ќе идеш ваму после?“

На истиот датум во 15:06 (UTC +2) Д.М. му одговара „ете на работа сум ќе идам оклу 16.55 малце ќе закаснам“.

На истиот датум во 15:06 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара на Д.М. „Аха епа да се чекаме преф Тифани“.

На истиот датум во 15:07 (UTC +2) лицето Д.М. му одговара „да ок само мислам дека оклу 5 до 5 имам да завршам на работа некои записници“.

На истиот датум во 15:07 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара на лицето Д.М. „АХА ЕПА АЈ ЈАС ЌЕ ИДАМ ТОГАШ ПРЕД ВМРО ПА ЌЕ СЕ НАЈДЕМЕ“.

На истот датум во 15:08 (UTC +2) Д.М. му праќа порака на А. Ш. К. со содржина „да важи ќе дојдам“

На истиот датум А. Ш. К. во 15:08 (UTC +2) му испраќа празна порака на лицето Д.М.

На 28.03.2017 година во 10:32 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А. Ш. К. порака со следната содржина „Почитувани, продолжува протестот за ЗАЕДНИЧКА М. за М. СЕ РАБОТИ зборно место пред музејот на ВМРО во 16 и 45, се замолуваат сите за помасовно присуство. Потребно е секој

од кимовите  да биде присутен, се оди пред штабот на СДСМ, такви се насоките се надевам на разбирање поздрав".

На истиот датум во 15:48 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А. Ш. К.  со содржина „тончи што правиш ќе идеш".

На истиот датум во 15:49 (UTC +2) А. Ш. К. му испраќа порака на ова лице со содржина „Еве брат на работа".

Во 15:49 (UTC +2) на истиот датум А. Ш. К.  испраќа уште една порака со содржина „Не денес не мора малата да ја носам на тренинг".

На истиот датум во 15:49 (UTC +2) испраќа уште една порака на ова лице А. Ш. К.  со содржина „Па да скокнам да извежбак".

На истиот датум во 15:49 (UTC +2) повторно А. Ш. К.  испраќа порака со содржина „Извежбам".

На истиот датум во 15:49 (UTC +2) А. Ш. К.  му испраќа уште една порака на Д.М. со содржина „Ти".

На истиот датум во 15:49 (UTC +2) Д.М. му испрфаќа порака на А. Ш. К.  со содржина „ќе идам се јавија кимовите морале".

На истиот датум во 15:49 (UTC +2) А. Ш. К.  му испраќа празна порака на Д.М.

На 29.03.2017 година во 09:05 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А. Ш. К.   со содржина „Почитувани, денес 29.03.2017 со почеток во 20 и 45 миун. состанок во М.К со раководството на О.К.Г. Б.. СЕ повикуваат членовите да присуствуваат поздрав".

На 30.03.2017 во 13:16 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А. Ш. К. со содржина „Почитувани, денес голем собир продолжува протестот за ЗАЕДНИЧКА М. за М. СЕ РАБОТИ зборно место пред музејот на ВМРО во 16 и 45, поздрав".

На 03.04.2017 во 09:28 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А. Ш. К. со содржина „Почитувани, денес голем собир продолжува протестот за ЗАЕДНИЧКА М. за М. СЕ РАБОТИ, насоки се оди пред ЕУ зборно место пред музејот на ВМРО во 16 и 40, поздрав".

На истиот датум во 14:59 (UTC +2) Д. М. му испраќа на А. Ш. К.  со содржина „тончи на работа си што ќе правиш денес".

На истиот датум во 15:00 (UTC +2) А. Ш. К.  му испраќа порака на Д.М. со содржина „Да брат на работа ништо бев преескa пред сјо се видов таму со М.Ј. .... ќе си идам дома".

На истиот датум во 15:00 (UTC +2) Д.М. му одговара со следната содржина „не идеш ок јацо со кој беше или сам".

На истиот датум во 15:01 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Па имаше некои луѓе ама не ми беа познати“.

На истиот датум во 15:01 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „ти како си што и, има ново и оваа досадно стана веќе“

На истиот датум во 15:02 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со следната содржина „Остај брат го претераа веќе незнам до кога планираат незнам што сакаат“.

На истиот датум во 15:02 (UTC +2) А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „Нека идат у курац веќе“.

На истиот датум во 15:03 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „ќе заврши и на крај ќе искочи никои да не те гледа исто како коцевски човекот го заборавија аколку жртва даде“.

На истиот датум во 15:03 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Многу ми е криво за него не заслужи вака да биде“.

На истиот датум во 15:04 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „неговата судбина многу ја поминале затоа е лоша таа игра“.

На истиот датум во 15:05(UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Баш така брат“.

На 05.04.2017 година во 13:21(UTC +2) А. Ш. К. му испраќа порака на Д.М. со содржина „Јас пак пред сјо брат“

На истиот датум А. Ш. К. му испраќа уште една порака на Д.М. во 13:21 (UTC +2) со содржина „Со мартин јачовски се видов“.

На истиот датум во 13:21 (UTC +2) А. Ш. К. му испраќа уште една порака „И он е тука“.

На истиот датум во 13:25 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „има доста луѓе што кажува“.

На истиот датум во 13:26 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Нема брат“.

На истиот датум во 13:26 (UTC +2) А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „И вчера ваму било многу слабо“.

На истиот датум во 13:26 (UTC +2) А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „Немало многу“.

На истиот датум во 13:26 (UTC +2) Д.М. му одговара „за тоа не бараат“.

На истиот датум во 13:26 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Изгледа“.

На истиот датум во 13:27 (UTC +2) Д.М. му одговара „да не се предомисли да не одиш“.

На истиот датум во 13:27 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Не брат“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „И пред сјо па и ваму многу е“.

На истиот датум и време Д.М. му одговара „точно“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му одговара со содржина „Ти“.

На истиот датум во 13:28 (UTC +2) Д. М. му одговара „се мисламсамо да ме видат само се јавуваат“.

На истиот датум во 13:29 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Абе гони ги упм веќе дај или нека дадат пушки или нека не не дркаат веќе“.

На истиот датум и време Д.М. му одговара „па на тоа иде“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му одговара со содржина „Па дај еднаш нека се реши“.

На 06.04.2017 година во 13:09 (UTC +2) Д.М. му праќа порака на А. Ш. К. со содржина „Почитувани, продолжува протестот за ЗАЕДНИЧКА М. за М. СЕ РАБОТИ, се замолуваат сите за поголемо присуство. Зборно место пред музејот на ВМРО во 16 и 45, поздрав“.

На 07.04.2017 година во 14:33 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А. Ш. К. со содржина „тончи кај си што правиш“.

На истиот датум во 14:34 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Еве на работа брат...ти“.

На истиот датум во 14:35 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „исто ете се начиме ситуација еврло напната“.

На истиот датум во 14:36 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Зашто брат што се случува“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака „???“

На истиот датум и време Д.М. му одговара со содржина „па гледаш работата не е на арно да не идеш денес“.

На истиот датум во 14:38 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Брат не планирам“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „Ама ако се пука да доаѓам“.

На истиот датум и време Д.М. му одговара со содржина „кажаа ако има нешто ќе известат“.

На истиот датум во 14:41 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Брат не гледам резон вака да не дркаат само неможеме секој ден“.

На истиот датум во 14:42 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „таква е оваа игра“

На истиот датум во 15:06 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Ти ќе идеш брат“.

На истиот датум во 15:10 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „се мислам не знам дригите дали ќе идат ако идам само да се појавам и кај 6 да одам“.

На истиот датум во 15:16 (UTC +2) А. Ш. К. му праќа празна порака.

На истиот датум во 15:17 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „да не идеш или не“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му одговара со содржина „Не брат ќе си бегам дома“.

На истиот датум во 15:18 (UTC +2) Д.М. му одговара „ок се гледаме“.

На истиот датум во 15:40 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Ако се влага во собрание или има нешто по сериозно врти ми брат одма ќе дојдам“.

На истиот датум во 15:41 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „ок“.

На 10.04.2017 во 09:34 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А. Ш. К. со содржина „Почитувани, наредните денови се многу важни продолжува протестот за ЗАЕДНИЧКА М. за М. СЕ РАБОТИ, се замолуваат сите за поголемо присуство. Зборно место пред музејот на ВМРО во 16 и 45, поздрав“.

На 18.04.2017 во 11:30 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А. Ш. К. со содржина „Почитувани, да Ви го честитам големиот христијански празник Велигден ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ ви посакувам многу здравје среќа радост и бериќет. Како потсетување продолжува протестот за ЗАЕДНИЧКА М. зборно место 16 и 45 пред музејот на ВМРО, се повикуваат сите на масовна подршка поздрав“.

На 21.04.2017 во 13:29 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А. Ш. К. со содржина „Почитувани, потсетување продолжува протестот за ЗАЕДНИЧКА М. зборно место 16 и 45 пред музејот на ВМРО. Овие денови има слаба излезеност потребно е да се даде подршка се замолуваат членовите да присуствуваат поздрав“.

На истиот датум во 13:32 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „До кога бе брат вака (па во правоаголник има ?)“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа порака со содржина „Во топана џамија прават најголема во европа еј“.

На истиот датум и време А. Ш. К. очков му испраќа уште една порака со содржина „Цццццццц“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа порака на која има прикачено слика, но сликата не се гледа се читаат само знаците.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „Те поздрави големиот“.

На истиот датум во 13:33 (UTC +2) А. Ш. К. му испраќа порака која што е всушност симбол на насмеано човече.

На истиот датум со време Д.М. му одговара со содржина „читав за тоа ти како си“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му одговара со содржина „Еве да го видам Драгче“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „Ти“.

На истиот датум во 13:34 (UTC +2) А. Ш. К. му испраќа порака со содржина „На работа?“

На 28.04.2017 во 13:58 (UTC +2) А. Ш. К. му испраќа порака на Д.М. со содржина „Брат како е ситуација што ќе се прави има ли насоки некои“.

На истиот датум во 13:59 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „нема ништо изгледа сдсм се организира за собир кај тебе како е со тоа синоќа“.

На истиот датум во 14:02 (UTC +2) А. Ш. К. му одговара со содржина „Никако“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „Се е ок“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „Нема проблем“.

На 03.05.2017 во 10:03 (UTC +2) А. Ш. К. му испраќа порака на Д.М. со содржина „Деко што има брат?“.

На истиот датум и време А. Ш. К. испраќа уште една порака со содржина „Нема пораки веќе не праќаат“.

На истиот датум и време А. Ш. К. испраќа уште една порака со содржина „Што се дешава“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му ја испраќа истата претходна порака.

И на истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „?“.

На истиот датум во 10:04 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „вчера бевме имаше доста народ ама изгледа се е договорено“.

На истиот датум и време Д.М. му испраќа уште една порака со содржина „да не знаеш нешто“.

На истиот датум во 10:05 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А. Ш. К. со содржина „денес нема пораки сега за сега“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му одговара со содржина „Ништо брат баш ништо“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „Којзнае што ќе испадне на крај“.

На истиот датум и време Д.М. му одговара со содржина „изгоревме под сенка“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му одговара со содржина „Баш“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „Така“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака „Коцевски си го чул?“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака со содржина „Вика нешто“.

И на истиот датум и време А. Ш. К. му испраќа уште една порака „Он е таму нели“.

На истиот датум во 10:06 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „го видов во кладилница многу разочаран ништо не вика“.

На истиот датум и време А. Ш. К. му одговара со содржина „Жал ми е за него душа остави за партијата“.

На истиот датум во 10:07 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „и на крај сето оди во вода лоша работа“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Да да“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со уште една порака со содржина „За она што ви кажав со села те молам не ширете“.

На истиот датум и време А.Ш.К. испраќа уште една порака со содржина „Не сакам да не испаднат проблеми“.

На истиот датум во 10:08 (UTC +2) А.Ш.К. испраќа порака на Д. М. со содржина „И на Д. спомни му на Сале му кажав“.

На истиот датум и време Д. М. му одговара со содржина „не бе ужувај гледај да профитираш од тоа зошто да не па и да му отидеш да му кажеш“.

На истиот датум во 10:09 (UTC +2) А.Ш.К. му одговара со содржина „Знае он“.

На истиот датум и време Д.М. му одговара со содржина „кај нас не збориме уживах те имаше те видив на една тел пост“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Стварно јас не се видов“.

На истиот датум во 10:10 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „мислам дека беше алб ама после немаше“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Аха“.

На истиот датум и време Д.М. му одговара со содржина „кај нашите не збори а он ако е човек треба да те покани“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Тоа е брат“

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Нема везе не ми е битно толку тоа на него останува“.

На истиот датум во 10:11 (UTC +2) А.Ш.К. му пишува нова порака со содржина „Уште е во болница“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Тетово“.

На истиот датум и време Д.М. нов му одговара со содржина „битно е да му пренесат ама има снимки сите зборат“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со следната содржина „Он се сеќава само на мене друго ништо“.

На истиот датум во 10:12 (UTC +2) Д.М. му праќа порака со содржина „сега е моментот ако нашите не помогнаа гледаш како искачаат работите“.

На истиот датум во 10:13 (UTC +2) Д.М. му испраќа уште една порака со содржина „не пропуштај можност“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Све е театар требаше тогаш до крај да се иде“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Знам брат“.

На истиот датум и време А.Ш.К. повторно му праќа порака со содржина „Ама не сум таков јас“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Не ми дава душава“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Да молам па и шиптар плус“

На истиот датум и време Д.М. му одговара со содржина „мислам луѓето ги насанкаа а они ќе се спасат како и секогаш“.

На истиот датум во 10:14 (UTC +2) А.Ш.К. му праќа порака на Д.М. со содржина „Тоа сигурно“

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа попрака на Д.М. со содржина „Пак нашите ги апсат“.

На истиот датум во 10:15 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „базото е повреден шиен тешко му се пишува“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара „Лелеееееe цццццццц греота упм“.

На истиот датум во 10:16 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „греота а сам цел живот никој не мислел на него“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Ццццц и сега ќе го остават да го апсат“.

На 04.05.2017 во 10:02 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А.Ш.К. станува збор за линк од весник http://www.faktor.mk/chovekot-koj-go-spasi-sela-raskazuva-shto-se-sluchilo“.

На истиот датум во 10:03 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „читаш ли какви се вистината не ја кажуваат ова меѓу нас“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа две пораки првата е „Да брат гледав и вчера ама ако може и подобро за мене“, втората порака е иста како и првата.

На истиот датум во 13:59 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А.Ш.К. повторно станува збор за линк http://reporter.mk/video/%DO%BD%DO%BO%D1%98%DO%BD%DO%BE%DO%B2%DO%BE-%DO%B2%DO%B8%DO%B4%DO%B5%DO%BE-%D1%81%DO%B5%DO%BB%DO%BO-%DO%B2%DO%BB%DO%B5%D1%87%DO%B5%DO%BD-%DO%BD%DO%B8%DO%B7-%D1%81%DO%BE%DO%B1%D1%80%DO%BO%DO%BD%DO%B8/.

На истиот датум и време Д.М. му испраќа уште една порака со содржина „тончи виде ова“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Видов брат што ги ебам јадат гомна“.

На 11.5.2017 во 10:30 (UTC +2) Д.М. му испраќа порака на А.Ш.К. „кај си тончи што правиш на работа сум“

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара „Да бе брат“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „На работа“.

На истиот датум во 10:31 (UTC +2) А.Ш.К. му испраќа порака со содржина „Ти што правиш“.

И на истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Што има“.

На истиот датум и време Д.М. му одговара со содржина „ете на работа не сум бил оваа недела на протести ќе идеме денес инаку се по страро“.

На истиот датум во 10:32 (UTC +2) А.Ш.К. му одговара со содржина „Не брат не идам јас гледај што се дешава бе срамота е“.

На истиот датум во 10:33 (UTC +2) Д.М. му одговара со содржина „е тоа да видиш све е договорено ама ајде остај срце не дава“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Не пуштаат во оган само“.

На истиот датум и време А.Ш.К. повторно му испраќа порака со содржина „Брат фамилии имаме кој ќе ти ги гледа после“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Вмро?“.

На истиот датум во 10:34(UTC +2) А.Ш.К. му одговара со содржина „не вмро гледаме целосно едни крадат дриги те продаваат“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина: „Ваш такаа“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина: „И јас сум за м. ама не вака“.

На истиот датум во 10.35 (UTC+2) А.Ш.К. испраќа нова порака со содржина: „Сме го правеле муабетот“.

На истиот датум и време Д.М. му одговара со содржина „вежбаш или по малку“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Да идам скоро секој ден после работа ти“.

На истиот датум во 10.36 (UTC+2) А.Ш.К. му испраќа нова порака на Д.М. со содржина „Ако сакаш ајде стево е после 16ч на работа“

На истиот датум во 10.37 (UTC+2) Д.М. му одговара со содржина „да ти кажам све немам време инаку треба да слабеам“.

На истиот датум и време Д.М. му испраќа уште една порака со содржина „сум се поравил доста“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Па и јас после работа идам 1ч и бегам“.

На истиот датум  и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Ама и пазам на јадење колку толку“.

На истиот датум во 10.38 (UTC+2) Д.М. му одговара со содржина „почнав да пешачам“.

На истиот датум и време Д.М. му испраќа уште една порака со содржина: „драгче вежба за нас“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Ако и тоа е убаво“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа нова порака со содржина „Аааааа Драгче шема е“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Хахахахахха“.

На истиот датум и време Д.М. му одговара со содржина „стево што прави гужва има таму многу или не“.

На истиот датум во 10:40 (UTC+2) А.Ш.К. му одговара со содржина „Па има брат зависи од ден некогаш повеќе некогаш помалку ама тоа е“.

На истиот датум во 10.42 (UTC+2) Д.М. му одговара со содржина „кај тебе на работа како кај нас трудно сите во некоја паника“.

На истиот датум во 10.43 (UTC+2) А.Ш.К. му одговара со содржина „Исто е и тука“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Сите се плашат“.

На истиот датум и време Д.М. му одговара со содржина „да“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Ќути упм којзнае што ќе испадне“.

На истиот датум во 10:44 (UTC+2) Д.М. му одговара со содржина „изгоревме под сенка“.

На истиот датум и време А.Ш.К. му одговара со содржина „Баш така“.

На 12.05.2017 година во 21:49 (UTC+2) Д.М. му испраќа порака на А.Ш.К. со содржина „Почитувани членови, утре сабота 13.05.2017 година со почеток во 19:30 состанок во М.К.Железара поздрав".

На 15.05.2017 во 11:02 Д.М. му испраќа порака на А.Ш.К. со содржина „Почитувани, протести нема да има до следна насока поздрав".

Воедно има комуникација со пораки помеѓу С.К. и А.К. исто така на Фејсбук месенџер. На 30.01.2017 во 08:51 (UTC+1) А.Ш.К. му испраќа порака на С.К. со содржина „Фала ти брат да си здрав и жив ти и твоите најблиски и тебе да ти се исполни тоа што одамна го заслужуваш".

На истиот датум во 08:51 (UTC+1) С.К. му испраќа празна порака.

На 01.02.2017 во 18:19 (UTC+1) С.К. му испраќа порака на А.Ш.К. со содржина „Почотувани за утре во 19ч закажувам состанок на потесен МК, позд.Коцевски."

На истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа празна порака на С.К.

На 13.02.2017 во 19:04 (UTC+1) С.К. му испраќа порака на А.Ш.К. со содржина „За утре во 19.30ч закажувам потесен МК,и воедно ги замолувам кординаторите да го известат членството дека во среда 15.02 во 12ч по повод денот на црквата Сретение Господово ќе има скромно обележување на денот во кругот на црквата, позд.Коцевски."

На истиот датум во 19:05 (UTC+1) А.Ш.К. му одговара со празна порака.

На 16.02.2017 во 07:37 (UTC+1) С.К. му испраќа порака на А.Ш.К. со содржина „За вечер во 20.30ч закажувам потесен МК, поканет е и кординаторот со потпретседателите на ОК, ве молам за задолжително присуство, позд.Коцевски."

На истиот датум во 07:58 (UTC+1) А.Ш.К. му одговара со празна порака.

На 27.02.2017 во 14:16 (UTC+1) А.Ш.К. му испраќа порака на С.К. со содржина: „Брат нешто чудно се случува што е работава??? Тебе те тргнаа Т. и Љ. се тргаат настрана горе ништо не е исто... Треба ли да знам нешто брат???".

На истиот датум во 14:17 (UTC+1) А.Ш.К. му испраќа нова порака на С.К. со содржина „Морам да кажам не ми се допаѓа ова".

И на истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Се игра некоја игра".

На истиот датум во 14:18 (UTC+1) С.К. му одговара со содржина „Треба да се видиме брат прикаската е долга, мора да се видиме да ти објаснам, кажи кога сакаш, ама како што рече не ми се допаѓа и не е добро, а дефинитивно е игра брате мој, за жал."

На истиот датум во 14:19 ((UTC+1) А.Ш.К. му одговара со содржина „Ај после протестов ќе те побарам ако немаш нешто планирано“.

И на истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Да се видиме“

На истиот датум и време С.К. му одговара со содржина „Ок .“

На 03.03.2017 С. К. му испраќа порака на А. Ш. К. всушност станува збор за линк https://www.facebook.com/kamaj.net/videos/1368792963183805/?autoplay_reason=all_page_organic_allowed&video_container_type=0&video_creator_product_type=2&app_id=1218761646191130&live_video_quests=0

На истиот датум во 13:33 ((UTC+1) А.Ш.К. му испраќа порака на С.К. со содржина „Хахахахахахахахах јако е брат“.

На истиот датум и време С. К. му враќа празна порака, а на истиот датум и време тоа го прави А.Ш.К.

На 27.04.2017 во 18:40 (UTC+2) С.К. му испраќа порака на А.Ш.К. со содржина „Го избраа Таљат на затворена седница, се е хаос.“

На истиот датум во 18:48 ((UTC+2) А.Ш.К. му одговара со содржина „Ајдееееееe“.

И на истиот датум и време А.Ш.К. му испраќа уште една порака со содржина „Ќе биде густо возам натака“.

На истиот датум во 18:49 (UTC+2) С.К. му одговара со содржина „Внатре сум се е во хаос во собрание“.

На истиот датум во 18:51 (UTC+2) А.Ш.К. му одговара со содржина „Упм“.

На истиот датум и време С.К. му одговара со содржина „Ќе влегуваст брат нашиве од надвор.“

На истиот датум во 18:52 (UTC+2) А.Ш.К. му одговара со содржина „Епа ќе се видиме внатре брат (три рачиња со мускулчиња и две човечиња со големи насмевки)“.

На истиот датум и време С.К. му одговара со празна порака.

На истиот датум во 18:56 (UTC+2) С.К. му праќа нова порака на А.Ш.К. со содржина „Влегоа внатре во сала се нашиве.“

На истиот датум во 18:57 (UTC+2) А.Ш.К. му одговара со празна порака.

На 12.05.2017 во 08:22 С.К. му праќа порака на А.Ш.К. со содржина всушност станува збор за линк http://centarnews.net/HQ/mk/index.php/news/mk/item/51993-foto-nova-tura-otkrieni-nasilnici-od-

sobraniehttp://centarnews.net/HQ/mk/index.php/news/mk/item/51993-foto-nova-tura-otkrieni-nasilnici-od-sobranie.

На истиот датум и време С.К. му испраќа уште една порака на А.Ш.К. со содржина „Со вакви изветвени палта нема иднина брат, ова вечер ми го прати група на наши членови од МК кој заедно гледале фудбал и евровизија, за кој неизмерно им благодарам за подршката и дека со лопови лажговци и манипуланти нема иднина во партијата, затоа време е за ГЕНЕРАЛНА ЧИСТКА.ДНО БРАТ.“.

На истиот датум во 08:24 (UTC+2) А.Ш.К. му одговара со содржина: „Од кога го зборевме ова се сеќаваш... вака вмро само тоне и ние со него... а најтрагично е што уште се продолжува... ама кој не прашува нас криво ми е што тебе на многу перфиден и педерски начин те тргнаа... ама господ гледа брат“.

На истиот датум во 08:25 (UTC+2) С.К. му одговара на А.Ш.К., а станува збор за истата порака која што му ја праќа на Антонио Шваба Кочков на истиот датум во 08:22.

На истиот датум во 08:28 (UTC+2) С.К. му праќа порака на А.Ш.К. со содржина „Ти благодатам брат на подршката горе се е предадено и кажано но очигледно имаат проблам со избор на персонални решенија за функции што не доведе до вакво ДНО, со извинување багра да не води и менаџир, брат јас од 1992 не сум сменил дрес за интерес и корист и така ќе остане за разлика од други кој се печалбари во партија, ти благодарам уште едндаш за СЕ, ГОСПОД БОГ Е ЕДЕН ГЛЕДА И НЕКА СУДИ, ГОЛЕМ ПОЗДРАВ БРАТ.“.

На истиот датум во 08.:9 (UTC+2) А.Ш.К. му одговара со содржина „Поздрав брат чисто да знаеш секаде те зборам за ова што ти го направија“.

И на истиот датум и време С.К. му одговара со празна порака.

Во продолжение следат СМС пораки помеѓу А..К. и лицето С. Вмро*.

На 20.04.2017 во 22:14 (UTC+2) С. Вмро* од телефонскиот број ... му испраќа порака на А. К. на телефонскиот број ... со содржина „Овие два дена имаше слаба излезеност на протестите од страна на нашето членство, затоа утре во 16:40 пред музејот на ВМРО да излеземе во што поголем број. За М. се работи“.

На 24.04.2017 во 09:34 (UTC+2) С. Вмро од истиот број му испраќа порака на А. К. со содржина „Почитувани, Народот ја дозна вистината за албанската платформа. Нашата мисија за М. продолжува...ИЗБОРИ....!!! Продолжуваме денес, исто место, исто време. Поздрав“.

Во телефонот на А. К. се пронајдени и слики, па така на сликата која што е сликана и најдена е како фајл во телефонот на А. К. во горниот дел има слика која што не се гледа целосно, а во долниот дел има порака од

С.Вмро со следната содржина: „Почитувани утре во 17:00 пред Влада потоа ќе се упатиме кон седиштето на Е.У.. Претседателот на О.К. даде насока за утре сите членови кои ќе бидат присутни на протестот, уште вечерва да се пријават кај Кординаторите на Кимовите и истите да ги испрарат до Секретарот на М.К. Позз голем“. Пораката е испратена во 21:53.

На следната слика всушност е слика од конверзација на Вибер во група насловена со бројки 2480 за која се гледаат само првите два члена првиот е мемориран под името М. Ј. МК ЖЕЛЕЗАРА, потоа следи телефонски број ... и следниот телефонски број не се гледа во целост се гледа само ...

Првата порака стои дека е од М. Ј. МК ЖЕЛЕЗАРА и е со содржина: „Утре 15.03.2017 во 16:40 пред музејот на ВМРО. За М. се работи“.

Следната порака е од БЕТИ ВМРО-ДПМНЕ и е со содржина: „мартин....“. Под нејзе има уште една од истото лице „Објасни им на луѓето убаво што кажаа на општински.“ Уште една порака од ова лице „па да видиме дали ќе дојдат“.

Следната порака е повторно од М. Ј. МК ЖЕЛЕЗАРА со содржина „Присуство задолжително за сите што се партиски вработени, директори на школи кандидати за советници“. Оваа конверзација е од 22:43 до 22:47

Последната порака, односно се гледа само дел од пораката од Б. ВМРО-ДПМНЕ со содржина кај претседателот сите што ќе...“ понатаму не се чита. Станува збор за скриншоп направен на 2017.03.15 во 13:33:26.

Следниот скриншот што исто така е најден во телефонот на А. К. е направен на 2017.03.15 во 13:33.30 и повторно се однесува на Вибер комуникација во група насловена 2480 со истите лица прва порака е од Б. ВМРО-ДПМНЕ со содржина „кај претседателот сите што ќе дојдат да се пријават и дад е потпишат“. Пораката е пратена во 22:47, па во истото време М. Ј. МК ЖЕЛЕЗАРА праќа друга порака со содржина „Ако пропуштив нешто дополни“.

Во 22:48 Б. ВМРО-ДПМНЕ праќа нова порака со содржина „да не испадне дека не сме кажале....“, па во истото време уште една порака од ова лице „ама имаш право... за М. се работи“, потоа има трета порака во истото време „со сила никој неможеш да тераш“ и четврта порака во истото време: „ама да си знаат“.

Следната слика е повторно скриншот направен 2017.03.15 во 13:33:51 исто е од Вибер комуникација од групата насловена 2480 со истите телефонски броеви на почетокот како што се гледаат, па во 22:48 лицето М.Ј. праќа порака со содржина: „Нормално“. Во горниот дел на пораката на оваа порака стои на англиски зборот Yesterday

Потоа по ова порака во 22:49 лицето Б. ВМРО-ДПМНЕ испраќа порака со содржина „присуство задолжително и за сите членови на

комови“, по што испраќа во истото време уште една порака со содржина: „кимови“.

Под оваа порака стои во средина на сликата англискиот збор Today, а следи порака од друго лице на кое не е наведено времето, а содржината на пораката е следната „Па да видиме дали ќе дојдат???Не го разбирам ова со закани кон луѓето. Каде беа заканите и реакциите кога комуњари запослуваа, добиваа раководни функции, ВМРОВЦИ. И Б. знаеш што им се случи на тие НИШТО само се нафатираа и останаа таму кај што се. И уште се таму!Тогаш никој не викаше ништо во глувчевска дупка беа пикнати и ќутеа. Затоа мислам не е моментов да се“. Продолжението на пораката продолжува на следниот скриншот направен на 2017.03.15 во 13:33:59, во горниот дел на пораката на сликата стои англискиот збор Today, а текстот на пораката продолжува со следната содржина „закануваме на никој сами си дојдовме до ова дереџе без никој да не праша нас. И за ова не е моментот сега затоа ублажете го речникот дајте да се сплотиме и да бидеме единствени сега стварно гори и треба да си ја зачуваме државата и затоа кој мисли дека треба нека доаѓа кој мисли дека не треба нека не доаѓа нека си седи дома и нека запише курс по албански. Секој избира тоа што смета дека е правилно. Вие пренесувајте ама без закани... Касно е за тоа требаше со време. Ова не е лично кон никој да не бидам сватен погрешно. Да престанат фракции и да бидеме сложни. Ни Б. е ВМРО, ни Даглас ни Коцевски... СИТЕ СМЕ ВМРО“. Пораката е пратена во 08:38.

Следната порака од истото лице е во 08:40 и е со содржина „Се гледаме пред музеј!!!“.

Следната слика исто така од скриншот направена 2017.03.15 во 13:33:38 исто така од Вибер комуникација од група насловена 2480 и всушност станува збор за првата слика која беше презентирана од овој телефон.

Локација на горенаведените пораки се наоѓаат на патека: „DVD/01 Blackview BV5000/Blackview BV5000/Multi-project/Report.hrml“.

Согласно претходно наведените пораки јасно произлезе дека протестите биле добро организирани. Меѓу останатото се зборува за задолжително присуство за сите што се партиски вработени, директори на школи кандидати за советници. Се зборува за влегувањето во Собрание, при што во една порака испратена од лицето А. Ш.К. до лицето Д.М. се зборува да им се дадат пушки, а на тоа истиот му одговара дека на тоа се оди. Во дел од тие пораки после настаните од 27.04.2017 година се зборува за разочараноста на членовите на политичката партија ВМРО ДПМНЕ и тоа оние членови кои оделе на протестите и биле учесници на настаните од 27.04.2017 година, па меѓу останатите пораки има и една со содржина „ мислам луѓето ги насанкаа а они ќе се спасат како и секогаш“.

СМС пораките од телефонот на лицето С. К. се добиени согласно наредба РО бр. 81/17 од 31.10.2017 и Извештај МУ бр.157-2017 од 22.03.2018 година за вештачење мобилни уреди каде мобилниот телефон марка LG модел „k420n “ со ИМЕИ број ... и со сим картичка од мобилен оператор Т-мобиле со сериски број .... VGD2, преснимен на УСБ мемориски стик „USB I марка adlinko со капацитет од 64 GB: chat -245.txt и chat-247.txt (Facebook пораки) како и СМС пораките во локација „01 LG K420 n/Cellebrite Report/LG GSM_K420n K10/Report.html со реден број: 658,667, 668, 669, 679, 679, 697, 703, 708, 755, 764, 775, 778, 781, 788, 789, 792, 793, 800, 801, 810, 811, 812, 813, 820, 821, 825, 827, 832, 833, 837, 847, 853, 856, 862, 863, 872, 877, 880, 882, 890, 895, 896, 902, 913, 916, 922, 930, 931, 935, 936, 950, 955, 962, 1005, 1041.

СМС пораки од В.Г. во телефонот меморирана „Gergovska*“ од телефонски број ... до Д.К.

На 12.03.2017 во 21:30 (UTC +1) од Г. , С. К. прима порака со содржина „Јавете се по список и на пасивни и на активни за утре да излезат_С.„.

На 13.03.2017 во 8:04 (UTC +1) Г. повторно му испраќа порака на С. К. со содржина „Во автобусите на ЈСП за време на протестите од 16:00 ч до 19:00 ч нема да има контроли можете да се возите без билет, исто така и градскиот паркинг (само паркингот на град с.) тоа време нема да има контроли и пајаци, можете слободно да се паркирате“.

На истиот датум во 22:01 (UTC +1) Г. му испраќа нова порака со содржина „Утре 14.03.2017 во 16:40 пред музејот на ВМРО. За М. се работи“.

На 15.03.2017 во 21:36 (UTC +1) Г. му испраќа нова порака на К. со содржина „Утре 16.03.2017 во 16:40 пред музејот на ВМРО, кандидатите за советници да донесат по 10 луѓе и сите членови од кимовите да бидат присутни... За МК се работи“.

На 20.03.2017 во 21:07 (UTC +1) Г. му испраќа порака на К. со содржина „Утре 21.03.2017 во 16:40 пред музејот на ВМРО советниците и кандидатите за советници да донесат по 10 луѓе, вработените во училиштата и градинките сите членови на кимовите и цела администрација да бидат присутни овие денови ни се најважни. За МК се работи“.

На 21.03.2017 во 21:13 (UTC +1) Г. му испраќа порака со содржина „За утре остануваат истите насоки се гледаме во 16:40 пред музејот на ВМРО. За МК се работи“.

На 22.03.2017 во 21:05 (UTC +1) Г. му испраќа нова порака со содржина „Утре 16:40 пред музејот на ВМРО, треба да се собереме во што поголем број, денес нашиот МК бил меѓу послабите со излезеност. За М. се работи.“.

На 23.03.2017 во 21:43 (UTC +1) Г. му испраќа порака на К. со содржина „СИТЕ што се слободни да дојдат утре во 13 пред СЈО и да се пријават вечерва со име до 22ч“.

На 26.03.2017 во 20:58 (UTC +2) Г. му испраќа порака со содржина „Утре 27.03.2017 во 16:40 пред музејот на ВМРО, ве замолуваме за помасовно присуство бидејќи е можно влегување на сдсм во Собрание.“

На 27.03.2017 во 21:39 (UTC +2) Г. му испраќа порака со содржина „Утре пред музеј во 16,40 потпишување и списокот оди во централен во 17часот. Се оди пред штабот на сдсм затоа да биде помасовно присуството.“.

На 29.03.2017 во 11:44 (UTC +2) Г. му испраќа порака со содржина „Денес исто во 16:40 пред музејот на ВМРО“.

На истиот датум во 21:52 (UTC +2) Г. му испраќа уште една порака „Утре е важен ден ќе ве замолам за помасовно присуство во 16:40 пред музејот на ВМРО. За МК се работи“.

На 31.03.2017 во 10:23 (UTC +2) Г. му испраќа порака со содржина „Денес исто во 16:40ч пред музејот на ВМРО. Кој може нека иде и пред СЈО во 13:00ч.“.

На 02.04.2017 во 21:08 (UTC +2) Г. му испраќа порака со содржина „Утре доаѓа Туск и многу е битно да се собереме во ОГРОМЕН БРОЈ. Собирање во 16:30 пред музеј на ВМРО а од Влада се оди до ЕУ.“

На 04.04.2017 во 07:46 (UTC +2) Герговска му испраќа повторно порака со содржина „За утре остануваат истите насоки во 16:40 пред музејот на ВМРО и кој може во 13:00 пред СЈО. За МК се работи“.

На истиот датум во 14:20 (UTC +2) Г. му испраќа уште една порака со содржина „членовите кои ќе присуствуваат на протестот доколку имаат да земат црвени И жолти чадори.“.

На 05.04.2017 година во 10:52 (UTC +2) Г. му испраќа порака со содржина „За денес насока се чекаме пред Музеј на ВМРО во 16:40ч задолжително твое присуство. Денес по барање на претседателот на Сениори ќе има список на кој сите поединечно ќе се потпишуваме. Поздрав“.

На истиот датум во 21:23 (UTC +2) Герговска му испраќа уште една порака со содржина „За утре остануваат истите насоки во 16:40 се чекаме пред музејот на ВМРО, ве замолуваме за поголемо присуство. За МК се работи.“.

На 06.04.2017 во 13:17 (UTC +2) Г. му испраќа порака со содржина „Под хитно кој може одма нека трга накај О.К има проблеми во собранието мора бидеме спремни“.

На 07.04.2017 во 10:31 (UTC +2) Г. му испраќа порака со содржина „Поради ситуацијата потребни ни се луѓе што ќе бидат мобилни 24/7... пишете име презиме и мобилен број“.

На истиот датум во 12:36 (UTC +2) Г. му испраќа уште една порака со содржина „Денес 16:40 пред музејот на ВМРО. За МК се работи“.

На 09.04.2017 во 21:17 (UTC +2) Г. му испраќа нова порака со содржина „Утре и наредните два дена ни се многу важни затоа е потребно помасовно присуство. Во 16:40 пред музејот на ВМРО. За МК се работи“.

На 10.04.2017 во 22:04 (UTC +2) Г. му испраќа нова порака со содржина „Уште два критични дена ни останаа од оваа недела затоа да излеземе сите заедно на улица против „тиранската платформа“. Утре исто место исто време 16:40 пред музејот на ВМРО. За МК се работи!“.

На 12.04.2017 во 10:30 (UTC +2) Г. му испраќа повторно порака на Коцевски со содржина „Исти насоки и за денес 16:40 пред музејот на ВМРО. За МК се работи“.

На 17.04.2017 во 21:02 (UTC +2) Г. му испраќа порака со содржина „Од утре продолжуваме со исто темпо 16:40 се чекаме пред музејот на ВМРО. Заедно за МК!!!“.

На 19.04.2017 во 11:51 (UTC +2) Г. му испраќа порака со содржина „Денес исти насоки 16:40 пред се чекаме пред музејот на ВМРО. За М. се работи“.

На истиот датум во 20:50 (UTC +2) Г. му испраќа уште една порака со содржина „За утре 20.04.2017 има исти насоки 16:40 се чекаме пред музејот на ВМРО. За МК се работи“

На 20.04.2017 во 22:14 (UTC +2) Г. му испраќа порака со содржина „Овие два дена имаше слаба излезеност на протестите од страна на нашето членство, затоа утре во 16:40 пред музејот на ВМРО да излеземе во што поголем број. За МК се работи“

На 24.04.2017 во 09:35 (UTC +2) Г. му испраќа нова порака со содржина „Почитувани, Народот ја дозна вистината за албанската платформа. Нашата мисија за МК продолжува... ИЗБОРИ...!!! Продолжуваме денес, исто место, исто време. Поздрав“.

На истиот датум во 21:14 (UTC +2) Г. му испраќа уште една порака со содржина „Утре да излеземе во што поголем број бидејќи ќе одиме пред штабот на сдс. Се чекаме во исто време на исто место, 16:40ч пред музејот на ВМРО. За МК се работи.“.

На 27.04.2017 во 13:14 (UTC +2) Г. му испраќа нова порака со содржина „Денес продолжуваме со протестот зборно место Музеј на ВМРО во 16:40ч.“.

На истиот датум во 14:18 (UTC +2) Г. му испраќа уште една порака со содржина „да бидеме на готовс во 14:00 з.И имал прес конференција“.

На истиот датум во 14:20 (UTC +2) Г. повторно му испраќа порака на К. со содржина „Ве молам лицата за интервентни ситуации И сите други што

можете известете ги да бидат на готовс, во секој момент може да дадеме насоки. Ве молам за сериозност. Поздрав“.

На истиот датум во 14:21 (UTC +2) Г. му испраќа уште една порака на К. со содржина „Денес исто 16:30ч се чекаме пред Музеј на ВМРО. Ве молам за масовност. Составот на МК во целост ЗАДОЛЖИТЕЛНО да бидат присутни на протестот.“.

И на истиот датум во 19:05 (UTC +2) Г. му испраќа уште една порака на Коцевски со содржина „сите членови да доаѓаат пред Собрание. Сега е моментот. ДОАЃАЈТЕ СИТЕ“.

Во продолжение следи испратена СМС порака од лицето „Dani Opstinski*“ до С. К.

На 24.02.2017 во 00:10 (UTC +1) Д. Општински му испраќа порака на К. со содржина „Тргаме во офанзива, нападната ни е Татковината, МК треба да се брани. Следува бурен период, пролет со многу енергија и борба за ВМРО и МК. Ќе победиме! Да живее ВМРО, да живее МК!!! Бидете спремни И очекувајте дополнителни насоки. Поздрав“

На истиот датум во 13:19 (UTC +1) Д. Општински му испраќа уште една порака со содржина „Почитувани, вечер во 18:30 ч треба најмасовно што може да се собереме пред ОК. Извадете ги сите членови од МК, сите членови на УЗ, УМС И Ветерани. Направете напор, многу е важно, мора да покажеме која е силата на ВМРО-ДПМНЕ. ЗА ДРЖАВАТА СЕ РАБОТИ, ДОСТА МОЛЧЕВМЕ!“

На 28.02.2017 во 15:53 (UTC +1) Д. Општински му испраќа нова порака со содржина „Почитувани, се гледаме денес повторно во 16:40 ч пред Музеј на ВМРО И од вечерва секој ден во 20 ч ќе имаме состанок во ОК. Поздрав“.

На 06.03.2017 во 15:41 (UTC +1) Д. Општински му испраќа нова порака со содржина „Денес исто 16:40 ч се чекаме пред Музеј на ВМРО, потоа 20 ч состанок во ОК. Поздрав“.

На 07.03.2017 во 16:10 (UTC +1) Д. Општински му испраќа нова порака со содржина „Почитувани се гледаме во 16:40 ч пред Музеј на ВМРО, потоа состанокот се презакажува за во 21 ч во ОК. Поздрав“.

На 10.03.2017 во 14:27 (UTC +1) Д. Општински му испраќа нова порака со содржина „Денес исто 16:40 ч се чекаме пред Музеј на ВМРО, потоа 20 ч состанок во ОК. Поздрав“

На 13.03.2017 во 21:08 (UTC +1) Д. Општински му испраќа нова порака со содржина „Браќа И сестри, за МК И за иднината на нашите деца се работи. Утре во 16:40 ч пред Музеј на ВМРО.“

На 14.03.2017 во 15:53 (UTC +1) Д. Општински му испраќа нова порака со содржина „Денес исто 16:40 ч се чекаме пред Музеј на ВМРО, потоа 20 ч состанок во ОК. Поздрав“

На 15.03.2017 во 14:43 (UTC +1) Д. Општински му испраќа нова порака со содржина „Денес исто 16:40 ч се чекаме пред Музеј на ВМРО, потоа 20 ч состанок во ОК. Поздрав"

На 17.03.2017 година во 15:32 (UTC +1) Д. Општински му ја испраќа истата порака како и претходно.

На 19.03.2017 во 14:21 (UTC +1) Д. Општински му испраќа нова порака со содржина „Почитувани, Ви закажуваме состанок на ОК со Претседатели на МК И Претседателки на УЗ на МК за вечер, 19.3.2017 година, во 20 ч во ОК. Присуството е задолжително, потврдете со смс."

На 20.03.2017 во 16:46 (UTC +1) Д. Општински му испраќа нова порака со содржина „Денес исто 16:40 ч се чекаме пред Музеј на ВМРО, потоа 20 ч состанок во ОК. Поздрав"

На 21.03.2017 во 16:23 (UTC +1) Д. Општински му ја испраќа истата порака како и претходно.

На 22.03.2017 во 15:08 (UTC +1) Д. Општински му испраќа порака со содржина „Денес исто 16:40 ч се чекаме пред Музеј на ВМРО, потоа 20 ч состанок во ОК. Ве молам за масовност. Поздрав".

На 24.03.2017 во 15:29 (UTC +1), па на 27.03.2017 во 14:39 (UTC +2), па на 28.03.2017 во 15:44 (UTC +2), па на 29.03.2017 во 15:49 (UTC +2) ,на 30.03.2017 во 14:08 (UTC +2) и на 31.03.2017 во 16:50 (UTC +2) Д. Општински му ја испраќа истата порака на С. К. со содржина „Денес исто 16:40 ч се чекаме пред Музеј на ВМРО, потоа 20 ч состанок во ОК. Поздрав".

На 03.04.2017 во 14:44 (UTC +2) Д. Општински му испраќа порака со содржина „Денес исто 16:30 ч се чекаме пред Музеј на ВМРО, потоа 20 ч состанок во ОК. Поздрав".

На истиот датум во 17:30 (UTC +2) Д. Општински му испраќа уште една порака на К. со содржина „Уште едно потсетување за состанокот вечер во 20 ч. Присуството е задолжително. Се гледаме"

На 04.04.2017 во 14:08 (UTC +2) Д. Општински му испраќа нова порака со содржина „Денес исто 16:30 ч се чекаме пред Музеј на ВМРО, потоа 20 ч состанок во ОК. Поздрав"

На 05.04.2017 во 20:10 (UTC +2) Д. Општински му испраќа повторно порака со содржина „Потсетување, состанок вечер во 20 ч во ОК. Се гледаме. "

На 06.04.2017 во 16:17 (UTC +2) Д. Општински му испраќа идентична порака на К. како и на 04.04.2017 во 14:08 (UTC +2).

Во продолжение следи разговор на фејсбук помеѓу С.К. со Facebook ID ... и A. B. D.

На 27.04.2017 во 18:40 (UTC +2) С.К. му пишува на А. Б. Џ. порака со содржина „Го избраа Талјат на затворена седница, се е хаос.“

На истиот датум во 18:47 (UTC +2) А.Б.Џ. му одговара „У ПИЗДУ МАТЕР. ГОВЕДА“

На истиот датум и време С.К. му праќа нова порака со содржина „Внатре е хаос, ќе биде тепање.“

На истиот датум и време А.Б.Џ. му одговара со следната содржина „ПРЕД СОБРАНИЕ ИМА ЛИ МНОГУ НАРОД“

На истиот датум во 18:48 (UTC +2) С.К. му одговара со содржина „Го избраа од места без правна рамка и уставна.“

На истиот датум и време С.К. му праќа уште една порака со содржина „Незнам внатре сум во сала.“

На истиот датум во 18:50 (UTC +2) А.Б.Џ. му праќа нова порака со содржина „ЈАС СУМ НА РАБОТА ВТОРА. ВО 22 ИДАМ НАТАМУ“

На истиот датум во 18:51 (UTC +2) С.К. му одговара со содржина „Има луѓе сега ми пишаа од надвор, ќе се влегува.“

И на истиот датум во 18:57 (UTC +2) С.К. му испраќа нова порака со содржина „Влегоа внатре во сала се нашиве.“

Од претходно наведените пораки јасно произлезе дека протестите и влегувањето во Собрание на ден 27.04.2017 година се добро организирани. Членовите на политичката партија ВМРО ДПМНЕ биле повикувани на протестите, а притоа од советниците и кандидатите за советници се барало да донесат по 10 луѓе. Присуството било задолжително за вработени во училишта, градинки и целата администрација. Се одело дотаму што во автобусите на ЈСП за време на протестите од 16:00 ч до 19:00 ч нема да имало контроли можеле да се возат без билет, исто така и градскиот паркинг (само паркингот на град С.) тоа време немало да има контроли и пајаци, можеле слободно да се паркирате. Се барало да бидат на готовс затоа што во 14:00 часот З. имал прес конференција. Имало лица за интервентни ситуации, па се барало тој ден тие лица и сите останати да бидат на готовс затоа што во секој момент може да дадат насоки. Воедно биле повикани сите членови да доаѓаат пред Собрание бидејќи според нив сега бил моментот.

Согласно со наредба КО бр. 66/17 од 29.12.2017 година за вештачење на мобилни уреди одземени од лицето Стефан Младеноски доставен е извештај МУ 210-2017 од 01.02.2018 година, СМС комуникација во период од 18.03.2017 година до 30.03.2017 година и записи на критичниот ден од 27.04.2017 година, од мобилен телефон марка „Huawaei P8“ модел „GRA-L09“ со ИМЕИ број ... Наведените докази се наоѓаат на УСБ меморија марка addlink со капацитет од 32 гигабајти, на локација „/USB Report's (MY 210-2017)01.Huawei P8/Cellebrite Report's/Report Huawei P8/Huawei_GRA-

L09 P8 Standard Edition". СМС пораки пратени од Стефан Младеноски до женско лице М. која користи телефонскиот број ...

На 18.03.2017 во 22:20:49 (UTC +1) Стефан Младеновски и испраќа порака на М. со содржина „Идеме до дион со нинџа на еден саат".

На 19.03.2017 во 20:05:06 (UTC +1) повторно и испраќа порака со содржина „Ќе идеме до автокоманда нинџа не викна не брзај со спремање".

На 30.03.2017 во 19:36:36 (UTC +2) истиот повторно и испраќа порака со содржина „Со нинџа сме низ град бара маски за маскенбап".

На 30.03.2017 во 19:39:20 (UTC +2) повторно испраќа порака со содржина „Бевме ама нема бетман бара сеа до капитол сме".

СМС пораки помеѓу Стефан Младеноски и Михаел Младеноски, телефонскиот број на Михаел Младеноски е ... регистриран како Miki*.

На 08.04.2017 во 17:42:16 (UTC +2) Стефан Младеноски добива порака од Мики со содржина „Вечер договорено за дион?"

На истиот датум во 17:42:34 (UTC +2) Стефан му одговара со содржина „Да, накај 10 И реков на моника".

И на истиот датум во 19:32:30 (UTC +2) Мики всушност Михаел му одговара на Стефан Младеноски со содржина „10 ипол у дион ми рече братот".

Од наведените пораки може да се утврди дека обвинетиот, а сега амнестиран Стефан Младеновски се познавал со обвинетиот Александар Василевски и истиот се сретнувал со него во Дион, а воедно остварувал средби и во Автокоманда.

Постојат повеќе пораки од мобилен телефон користен од обвинетиот Игор Југ а добиени согласно со наредба РО бр.81/17 од 21.09.2017 година за вештачење на одземените мобилни уреди одземени од лицето Игор Југ од доставениот Извештај за вештачени мобилни уреди МУ бр.113-2017 од 26.09.2017 година: Вибер комуникација бр.1,2,3,4 и повици преку Вибер на критичниот ден 27.04.2017 година од мобилен телефон марка „Samsung" модел „SM-J510FN" со ИМЕИ број ..., а кој извештај и вештачење се во прилог на доказите. Наведените докази се наоѓаат на УСБ марка Kingston модел DataTraveler 64/32 GB на фолдерска локација „USB/01 Samsung SM-J510FN/Memory Card-Micro SD-Verbatim - 8GB/Multi-project/Report.html".

Вибер порака број 1 од телефонски број ... користен од страна на обвинетиот Игор Југ, а пораката е пратена до лицето кое е меморирано во телефонот како „Borce Suska".

На 16.09.2017 година во 20:48 часот обвинетиот Игор Југ му праќа порака на Б. Ш. со содржина „Тија што ме пратија у Собрание, тие и ме осудија"

На истиот датум во 20:49 обвинетиот му испраќа нова порака на лицето Б. Ш. со содржина „Тија што вршев нивни работи, цел живот ме гонат. “

И на истиот датум во 20:54 (UTC +2) обвинетиот Игор Југ му испраќа уште една порака на истото лице со содржина „Ми по домови, ми по затвори и бегства, а куртони у фотеље“.

На 27.04.2017 во 14:30 (UTC +2) Г. Ј. од телефонскиот број ... кој број всушност е користен од обвинетиот Игор Југ му вртел обвинетиот Александар Василевски Нинџа од телефонскиот број ..., но телефонскиот контакт не е остварен, станува збор за испуштен повик.

На истиот датум и време има уште еден испуштен повик од обвинетиот Александар Василевски Нинџа према обвинетиот Игор Југ.

На истиот датум во 14:40 (UTC +2) има испуштен повик од обвинетиот Јане Ченто према обвинетиот Игор Југ, односно има два испуштени повика на истиот датум и време, а телефонскиот број  кој го користел обвинетиот Јане Ченто е ...

На истиот датум во 14:53 (UTC +2) обвинетиот Игор Југ го барал обвинетиот Александар Василевски Нинџа и имало телефонска комуникација во траење од 0:01:01.

На истиот датум во 16:21 (UTC +2) обвинетиот Александар Василевски Нинџа го барал обвинетиот Игор Југ и имало комуникација во траење од 0:00:23.

На истиот датум во 18:34 (UTC +2) обвинетиот Игор Југ телефонски го барал обвинетиот Александар Василевски Нинџа и имало комуникација во траење од 0:00:22.

На истиот датум во 20:21 (UTC +2) има пропуштен повик обвинетиот Игор Југ од Никола Митревски Kољо на телефонскиот број ....

На истиот датум во 20:56 (UTC +2) обвинетиот Игор Југ телефонски го барал обвинетиот Никола Митревски и имало телефонска комуникација во траење од 0:00:16.

На истиот датум во 21:00 (UTC +2) обвинетиот Александар Василевски Нинџа телефонски го барал обвинетиот Игор Југ и имало комуникација во траење од 0:00:39.

Од наведените телефонски комуникации јасно произлезе дека обвинетите Игор Југ, Александар Василевски Нинџа, Никола Митревски Kољо и Јане Ченто се познаваат помеѓу себе и на 27.04.2017 година и тоа во попладневните часови постојат комуникации помеѓу истите, со тоа што обвинетиот Јане Ченто иако го барал обвинетиот Игор Југ не го добил, односно има пропуштени повици.

Постојат повеќе пораки од телефонскиот уред кој што го користел обвинетиот Горанче Анѓеловски добиени согласно со наредба КО1

бр.307/17 од 26.07.2017 година за вештачење издадена од ОЈО С. одземена од лицето Анѓеловски Горанче од доставениот извештај МУ 86-2017 од 07.08.2017 година и Извештај КО бр. 86/2017 од 04.08.2017 година, Whatsup комуникација и Facebook chat која комуникација е во прилог на доказите. Наведените докази се наоѓаат на DVD оптички мемориски уред и тоа на локација: „/DVD/01.Cubot Rainbow/Report Cubot Rainbow/Cubot_S208/Report.html.“ Во прилог следи допишување помеѓу обвинетиот Горанче Анѓеловски и лицето Б.Н. преку Facebook Chat. Мој One е телефонски број ... на обвинетиот Горанче Анѓеловски, а на лицето Б. Н. е телефонски број ....

На 20.07.2017 во 10:58:09 (UTC +2) лицето Б.Н. му испраќа порака на обвинетиот Горанче Анѓеловски со содржина „Само немој по два саата или денови да почнеш друго да постираш и луѓето да ти се смеат. Тебе веќе те знаат и почитуваат луѓето и треба да покажеш и здржиш и авторитет, не да мењаш ставови според расположение. Оти ќе разочараш многу чесни и искрени луѓе што те сакаат и почитуваат!“

На истиот датум во 10:58:59 обвинетиот Горанче Анѓеловски му одговара со содржина „Ок брат“.

И на истиот датум во 14:08:15 (UTC +2) обвинетиот му испраќа уште една порака на лицето Б. Н. со содржина „Додека не дадат амнестоја за 27 мој став не го мењам, после може да трчам за вмро“.

Допишување помеѓу обвинетиот Горанче Анѓеловски и женско лице меморирана како „Тина sk.Sud“ со телефонски број ... преку Facebook Messenger.

На 17.05.2017 во 10:12:26 (UTC +2) лицето Tina.sk.sud му пишува на обвинетиот Горанче Анѓеловски порака со следната содржина „Гоки“.

На истиот датум во 10:12:38 (UTC +2) обвинетиот Анѓеловски и одговара со содржина „Ја сум“

На истиот датум во 10:13:07 (UTC +2) лицето Tina.sk.sud му праќа нова порака со содржина „Леле ќе пукнам бар на раб“.

На истиот датум во 10:13:11 (UTC +2) истото лице му праќа нова порака на обвинетиот Анѓеловски со содржина „Да сум“.

На истиот датум во 10:13:20 (UTC +2) ова лице му праќа уште една порака на обвинетиот „Кога е судењето“.

На истиот датум во 10:13:41 (UTC +2) обвинетиот и одговара „Ќе ти пишам одам нс раб дирек ме бара“.

На истиот датум во 10:13:47 (UTC +2) лицето Tina.sk.sud му одговара „Ај“

На истиот датум во 10:23:37 (UTC +2) лицето Tina.sk.sud суд му праќа нова порака на обвинетиот со содржина „Да ми цвониш овде дознав нешто“

На истиот датум во 10:24:24 (UTC +2) истото лице му праќа уште една порака на обвинетиот со содржина „Дали си бил осудуван до сега“.

На истиот датум во 10:24:42 (UTC +2) обвинетиот и одговара со содржина „Не“.

На истиот датум во 10:24:50 (UTC +2) лицето Tina.sk.sud му одговара со содржина „Одлично“.

На истиот датум во 10:24:57 (UTC +2) истото лице му праќа уште една порака на обвинетиот со содржина „Милка судика“

На истиот датум во 10:25:03 (UTC +2) истото лице му праќа уште една порака на истиот со содржина „И бриши одма“.

На истиот датум во 10:25:29 (UTC +2) истото лице му праќа уште една порака на обвинетиот со содржина „Чим не си не е страшно им цвонев сега“

И на истиот датум во 10:25:33 (UTC +2) истото лице му праќа уште една порака на обвинетиот со содржина „Бриши се“

Обвинетиот Горанче Анѓеловски се допишува преку Facebook Messenger со лицето Aleksandar  со телефонски број ...., Т. avstralija  со телефонски број ...

На 19.05.2017 во 09:19:18 (UTC +2) обвинетиот Горанче Анѓеловски му испраќа попрака на лицето Александар со содржина „Досега сам 6 ооо ден“.

На истиот датум во 09:19:37 (UTC +2) обвинетиот му испраќа уште една порака со содржина „Од „пријателиве““

На истиот датум во 09:19:52 (UTC +2) обвинетиот му испраќа уште една порака со содржина „А овие собираат ќе ти донесат рестото“

На истиот датум во 09:19:58 обвинетиот му испраќа уште една порака со содржина „Од в.“

На истиот датум  во 09:20:30 (UTC +2) лицето Александар му одговара со содржина „Ок.“

На истиот датум во 09:21:34 (UTC +2) ова лице му испраќа уште една порака на обвинетиот со содржина „За Иле е сега другата недела во обвинителство“.

На истиот датум и време ова лице му испраќа уште една порака на обвинетиот со содржина „Ама кажи им дека тоа беше за во полиција а сега почнува постапката во обвинителство па во суд и треба да се договориме за цена“ .

На истиот датум во 09:21:48 (UTC +2) обвинетиот му одговара со содржина „Да да“.

На истиот датум во 09:21:54 (UTC +2) обвинетиот му испраќа уште една порака со содржина „Ќе им кажам“.

На истиот датум во 12:24:43 (UTC +2) обвинетиот му испраќа нова порака на лицето Александар со содржина „Ќе те бараат мојве да тибдадат уште 19 ооо“

На истиот датум во 12:24:47 (UTC +2) обвинетиот му испраќа уште една порака на ова лице со содржина „Денеска“

На 20.05.2017 година во 11:46:54 (UTC +2) обвинетиот му испраќа порака на лицето Александар со содржина „Ти донесоа ли“

На истиот датум во 13:38:46 (UTC +2) лицето Александар му одговара со содржина „Еј Горан“

На истиот датум во 13:39:31 (UTC +2) обвинетиот му одговара со содржина „Брат на 9ти сум во ојо“

На истиот датум во 13:39:41 (UTC +2) обвинетиот му испраќа уште една порака со содржина „Ја виде поканата“

На истиот датум во 13:40:12 (UTC +2) лицето Александар му одговара со содржина „Ми донесоа за тебе претходно 11.000 ден и сега 19.000 ден за ангажманот во полиција, за Иле и за понатаму си чутат“

На 21.06.2017 година обвинетиот во 19:47:56 (UTC +2) обвинетиот му испраќа порака на лицето Александар со содржина „Да избришеме она“

На истиот датум во 19:48:12 (UTC +2) обвинетиот повторно му праќа порака со содржина „Оти изгледа ќе не префрлат организиран“

И на истиот датум во 19:48:35 (UTC +2) обвинетиот му испраќа уште една порака со содржина „Се зборуе дека пак ќе не приведувале“

На истиот датум во 19:48:53 (UTC +2) лицето Александар му одговара „Во МВР?“

На истиот датум во 19:48:58 (UTC +2) обвинетиот му одговара со содржина „Да“

На истиот датум во 19:49:15 (UTC +2) лицето Александар му одговара „Не верувам“

На 30.05.2017 во 17:21:50 (UTC +2) обвинетиот му испраќа порака на лицето Александар со содржина „Му вилам само Т. се ангажира максимално“

На истиот датум во 17:22:17 (UTC +2) обвинетиот му испраќа уште една порака со содржина „Му викам дамо Т. се ангажира околу помош“

На истиот датум во 17:22:30 (UTC +2) обвинетиот му испраќа уште една порака со содржина „Вика го познабам, мислам ќе реагира“

На 07.06.2017 во 11:12:31 (UTC +2) лицето Т. avstralija му испраќа порака на обвинетиот со содржина „Горан Сега ја видов поракава бидеки ме ми ГИ покажува пораките. Намерно ми е направен така имам доста пораките од секаде па да бе ме оптвретуваат пораките. Немај гајле иљадарката ја достигнавме се бидам за повеќе. Кажи што да правам“

На истиот датум во 11:17:11 (UTC +2) обвинетиот му одговара со содржина „Брат јас морам најкаснонутре да го платам адвокатот и да му дадам баре дел оти во петок во 10 часот сум на суд брат„

На истиот датум во 11:17:51 (UTC +2) обвинетиот повторно му пушта порака со содржина „Доколку можеш би било добро да ми ги пуштиш по мониграм или вестернунион брст“

На истиот датум во 11:17:55 (UTC +2) обвинетиот му испраќа уште една порака со содржина „Брат“

На истиот датум во 11:23:13 (UTC +2) обвинетиот повторно му праќа ппорака на ова лице со содржина „Еве ти мои податоци“

И на истиот датум во 11:24:15 (UTC +2) обвинетиот му испраќа уште една порака со содржина „Горанче Анѓеловски. ул Б.Ѓорев 67-8.В. 1400. М.“

На 13.07.2017 во 19:12:53 (UTC +2) лицето Т. avstralija му испраќа порака на обвинетиот со содржина „Горан сакаш ли да бидеш ко-сопственик на единствената МКД ТВ во цела дијаспора (А., Ев., К. И А.)?“

На истиот датум во 19:13:36 (UTC +2) обвинетиот му одговара со содржина „Нормално дека сакам“

На истиот датум во 19:16:02 (UTC +2) лицето Т. avstralija му одговара „ОК. Ке те барам од утре овие ден два И ќе ти објаснам што мислам. Нема да те кошта финансиски ништо. Јас ќе то поклонам доволно акции.“

На истиот датум во 19:16:36 (UTC +2) ова лице му испраќа уште една порака со содржина „Строго доверливо засега.“

На истиот датум во 19:16:59 (UTC +2) обвинетиот му одговара со содржина „Фала ти многу на довербата“

На истиот датум во 19:18:13 (UTC +2) лицето Т. avstralija му одговара со содржина „Само верувај дека има бог И чуда се случуваат. Биди здраво И жив, ти заслужуваш. Ќе те побарам деновиве да ти објаснам подетално.“

На 15.07.2017 во 19:14:13 (UTC +2) лицето Т. avstralija му испраќа порака на обвинетиот со содржина „Благојче Петров?“

На истиот датум во 19:14:20 (UTC +2) обвинетиот му одговара со содржина „Да да“

На истиот датум во 19:14:22 (UTC +2) лицето Т. австралија му одговара со содржина „Злато дете“

На истиот датум во 19:14:32 (UTC +2) обвинетиот му одговара со содржина „Да брат“

На истиот датум во 19:14:42 (UTC+2) обвинетиот му испраќа уште една порака со содржина „Ми прати 100 $“

Обвинетиот Горанче Анѓеловски се допишува на Facebook Messenger со лицето Z. D. со телефонски број ... и лицето Aleksandar со телефонски број ... Обвинетиот Горанче Анѓеловски на 16.05.2017 во 10:09:05 (UTC+2) испраќа порака со содржина „З. провери колку кеш има брат ако можеш“.

З.Д. на 16.05.2017 време 11:08:43 (UTC+2) испраќа порака со содржина „2260“

З.Д. на 16.05.2017 време 11:08:47 (UTC+2) порака со содржина „Гоки“.

Горанче Анѓеловски 16.05.2017 време 11:08:52 (UTC+2) порака со содржина „Фала“.

З.Д. на 16.05.2017 време 11:09:01 (UTC+2) порака содржина „Ништо позз“.

Горанче Анѓеловски на 16.05.2017 во 22:21:29 (UTC+2) порака со содржина „З. може на ибан сметкава и од МК да ми праќаат“.

З.Д. 16.05.2017 време 22:26:25 (UTC+2) порака со содржина „Тој е за од странство“

Горанче Анѓеловски на 16.05.2017 време 22:26:35 (UTC+2) содржина „Ок.“

Горанче Анѓеловски на 31.05.2017 време 10:30:02 (UTC+2) испраќа порака содржина „Заре фа те замолам да видиш кај Весна има од минатиот вторник пратено 200 франака, уште немам порака“.

З.Д. на 31.05.2017 време 11:08:28 (UTC+2) порака содржина „Пиши матичен“.

Александар на 13.05.2017 време 12:06:43 (UTC+2) содржина „ако не ќе идеш у виница. Имам тамо мој пари оставено кај еден човек“.

Горанче Анѓеловски на 13.05.2017 време 12:07:29 (UTC+2) порака „Брату вика да средиме пред судење и за полиција со беше да му платам“.

Александар на 13.05.2017 време 12:07:4 5(UTC+2) порака „до кога“.

Горанче Анѓеловски на 13.05.2017 време 12:08:09 (UTC+2) содржина „Пред судење“.

Горанче Анѓеловски на 13.05.2017 време 12:08:15 (UTC+2) порака содржина „Преф 22“.

Горанче Анѓеловски на 13.05.2017 време 12:08:21 (UTC+2) порака содржина „Овој месец“.

Горанче Анѓеловски на 13.05.2017 време 12:08:28 (UTC+2) содржина „Срање“.

Горанче Анѓеловски на 15.05.2017 време 17:37:05 (UTC+2) порака содржина „Колку треба да ми дафе брат“.

Александар на 15.05.2017 време 17:37:46 (UTC+2) содржина „20 000“

Александар на 15.05.2017 време 17:37:49 (UTC+2) порака содржина „ден“.

Горанче Анѓеловски на 15.05.2017 време 17:38:01 (UTC+2) порака содржина „Ок брат фала ти многу“

Горанче Анѓеловски на 15.05.2017 време 17:38:21 (UTC+2) порака со содржина „Многу ми знаци ова да знаеш“

Александар на 19.05.2017 време 13:01:10 (UTC+2) порака со содржина „митко милев на фб. го познаваш?“

Горанче Анѓеловски на 19.05.2017 време 13:01:45 (UTC+2) порака содржина „Да брат“

Александар на 19.05.2017 време 13:02:16 (UTC+2) порака со содржина „помогна нешто или само замара?“

Горанче Анѓеловски на 19.05.2017 време 13:02:36 (UTC+2) порака содржина „Реце дека ќе помогнел од понрделник“

Александар на 19.05.2017 време 13:03:25 (UTC+2) порака со содржина „аха ај види и кажи ми ако сакаш. посто се фале ногу веќе долго време а не мозам да го преценам“

Горанче Анѓеловски на 19.05.2017 време 13:04:48 (UTC+2) порака содржина „Кецти кахам ако ми помогне“

Александар на 19.05.2017 време 13:05:01 (UTC+2) порака содржина „да не ме интересира колку“.

Александар на 19.05.2017 време 13:05:16 (UTC+2) порака со содржина „интересира ме само дали уопште или само се фали“.

Горанче Анѓеловски на 19.05.2017 време 13:05:33 (UTC+2) порака со содржина „Да да је ти кахам брат“

Александар на 19.05.2017 време 13:06:16 (UTC+2) порака со содржина „знаеш да има шпиончиња“.

Горанче Анѓеловски на 19.05.2017 време 13:06:26 (UTC+2) порака со содржина „Знам брату“

Александар на 19.05.2017 време 13:06:41 (UTC+2) порака со содржина „и не можам да го преценам“

Горанче Анѓеловски на 19.05.2017 време 13:06:52 (UTC+2) порака со содржина „Кецти кажам одма“

Горанче Анѓеловски на 19.05.2017 време 13:07:01 (UTC+2) порака со содржина „Немај гајле“

Горанче Анѓеловски на 22.05.2017 време 21:44:59 (UTC+2) порака со содржина „Брат свака част на Митко“

Горанче Анѓеловски на 22.05.2017 време 21:45:17 (UTC+2) содржина „Ми пушти 200 франака евецсега“.

Горанче Анѓеловски на 22.05.2017 време 21:45:28 (UTC+2) порака со содржина „Си стои на зборот“.

Александар на 22.05.2017 време 21:57:42 (UTC+2) порака со содржина „браво супер“.

Од претходните пораки очигледно е дека обвинетиот Горанче Ангеловски има комуникација со лице вработено во судот меморирана како Т. ск.суд која го информира за предмет кој е даден во работа кај судија Милка. Воедно истиот има комуникација со лица кои собраат пари за него.

Вештачење од телефон на Митко Пешов е согласно наредба КО бр.66/17 од 07.12.2017 година за вештачење на мобилниот уред одземен од Митко Пешов од доставениот Извештај МУ бр.192-2017 I ДЕЛ од 26.01.2018 година Viber  комуникација бр.24 СМС пораки бр.676, 680, 518, 519 од мобилниот телефон марка „iPhone“ модел ... со ИМЕИ бр... Наведените податоци се наоѓаат на УСБ меморија марка Kingston сребрена боја со капацитет од 16 GB со локација „USB/01 iPhone A1322/Cellebrite Report/iPhone4GSM_7.1-7.1.2_Physical_22-12-17_12-47-05 Report.html“.

Телефонски број ... на обвинетиот Митко Пешов од број .. Г. З. на 03.11.2017, од бројот ... Г.З. датум 03.11.2017 време 16:46 (UTC+1 ) порака со содржина „Мите здраво“.

Обвинетиот Митко Пешов датум 03.11.2017 време 16:54 (UTC+1) порака со содржина „еј здраво шефе“.

Обвинетиот Митко Пешов датум 03.11.2017 време 16:55 (UTC+1) порака со содржина „како сте шо правите“.

Г.З. датум 03.11.2017 време 17:00 (UTC+1) содржина „Добро бе команданте“.

Г.З. 03.11.2017 време 17:00 (UTC+1) порака со содржина „По дома“

Г.З. 03.11.2017 време 17:00 (UTC+1) порака со содржина „Чекам да видам како ќе не крстат“.

Обвинетиот Митко Пешов истиот датум време 17:01 (UTC+1) порака со содржина „Јас еве си бегам за К. бев и денеска и завчера во средата на сослушување“.

Г.З. во 17:01 (UTC+1) порака со содржина „Зошто бе Мите“.

Обвинетиот Митко Пешов 17:01 (UTC+1) порака со содржина „во Средата со К.Б.“.

Г.З. 17:01 (UTC+1) порака со содржина „Кого викаат за сведоци“.

Обвинетиот Митко Пешов 17:01 (UTC+1) порака со содржина „а денес со С.Т.“.

Г.З. 17:02 (UTC+1) порака со содржина „И како помина со свефоците“.

Обвинетиот Митко Пешов 17:03 (UTC+1) порака со содржина „К. си кажа дека иако пишал во белешката дека барал од мене засилување дека всушност не побарал туку само се информирал дали имам дополнителни сили во моментот на работа“.

Обвинетиот Митко Пешов 17:03(UTC+1) порака со содржина „со со се потврди моето“.

Г.З. 17:03 (UTC+1) порака со содржина „Добро“

Г.З. 17:04 (UTC+1) порака со содржина „Лахаров нотирал кога прв пат некој барал дополнителни сили“.

Митко Пешов 17:04 (UTC+1) порака со содржина „добро поминав и денес со С. бидејци он со мене воопшто немал никаков контакт туку само со Хитлер“.

Г.З. 17:04 (UTC+1) порака со содржина „„Во 19.20“.

Г.З. 17:04 (UTC+1 )порака со содржина „Абе тој Хитлер“.

Г.З. 17:04 (UTC+1) порака со содржина „Што не превзел мерку по закон“.

Г.З. 17:04 (UTC+1) порака со содржина „Туку ги лаже сите“.

Обвинетиот Митко Пешов 17:04 (UTC+1) порака со содржина „“да да тоа о јас им го кажав“

Г.З. 17:05 (UTC+1) порака со содржина „Ама ќе излезе се на виделина“.

Г.З. 17:05 (UTC+1) порака со содржина „Мавтосувал кого ќе стигнел“.

Г.З. 17:05 (UTC+1) порака со содржина „Директор сакал да биде“.

Г.З. 17:05 (UTC+1) порака со содржина „Лигуш“.

Митко Пешов 17:05 (UTC+1) порака со содржина „Зборевме и за тоа што се повикувал за планот, јас им кажав дека по закон е овластен за издавање на наредба и никаков план тоа не може да го дерогира“.

Г.З. 17:06 (UTC+1) порака со содржина „Не те разбирам“„.

Г.З.  17:06 (UTC+1) порака со содржина „За што се повикувал“

Митко Пешов 17:06 (UTC+1) порака со содржина „он кажува дека он ги спасил дека никој не командувал се додека он не превзел команда“.

Г.З. 17:07 (UTC+1) порака со содржина „Не е точно тоа“.

Г.З. 17:07 (UTC+1) порака со содржина „Тој беше само техничка подршка“.

Г.З. 17:07 (UTC+1) порака со содржина „Прво добиваше што да каже“.

Г.З. 17:07 (UTC+1) порака содржина „И тоа го правеше како телефакс машина“.

Г.З. 17:08 (UTC+1) порака содржина „Има записник“.

Г.З. 17:08 (UTC+1) порака со содржина „Претходно си командувал и Душко“.

Г.З. 17:08 (UTC+1) порака содржина „Како не му е срам“.

Митко Пешов 17:08 (UTC+1) порака содржина „Па демек во планот на СВР С. било предвидено по пробивање на нивниот кордон до дифол конандата да ја преземел ОСПО и дека он не можел да носе одлуки“.

Митко Пешов 17:09 (UTC+1) порака со содржина „тоа и јас денес им го потенцирав на комисијата“.

Г.З. 17:09 (UTC+1) порака со содржина „Види“.

Г.З. 17:09 (UTC+1) порака со содржина „По Планот за цело време командува СВР“.

Митко Пешов 17:09 (UTC+1) порака со содржина „им кажав видите го записникот и ќе видите кој командувал а нека каже претходно која команда и на кого ја издал“.

Митко Пешов 17:09 (UTC+1) порака со содржина „нема таква“.

Г.З. 17:10 (UTC+1) порака со содржина „И тие од ОСПО постапувале под команда на С.“.

Г.З. 17:10 (UTC+1) порака со содржина „Мавтосува“.

Г.З. 17:10 (UTC+1) порака со содржина „Ама има господ“.

Митко Пешов 17:11 (UTC+1) порака со содржина „тоа го расчистивме со комисијата, дека СВР се за цело време носители на активноста и дека неговата одговорност не престанува ниту во еден момент“.

Г.З. 17:11 (UTC+1) порака со содржина „На Хитлер мислиш“.

Митко Пешов 17:12 (UTC+1) порака со содржина „ова последното за Станчевски а тоа претходно за командувањето за Хитлер“.

Г.З. 17:12 (UTC+1) порака со содржина „Станчевски кажуваше“.

Митко Пешов 17:12 (UTC+1) порака со содржина „бидејци тој до 20.30 ниту една команда на никој нема дадено“.

Г.З. 17:12 (UTC+1) порака со содржина „Да“.

Г.З. 17:12 (UTC+1) порака со содржина „Така е“.

Г.З. 17:13 (UTC+1) порака со содржина „Вика дека немал извршна моќ“.

Г.З. 17:13 (UTC+1) порака со содржина „Тој бил без овластувања“.

Митко Пешов 17:13 (UTC+1) порака со содржина „а после 20.30 се гледа во записникот кој командувал“.

Г.З. 17:13 (UTC+1) порака со содржина „Бил само помошник во ЦПС“.

Г.З. 17:13 (UTC+1) порака со содржина „Му велам зошто не се слушна со Пршов“.

Г.З. 17:14 (UTC+1) порака со содржина „Со Петковски“.

Митко Пешов 17:14 (UTC+1) порака со содржина „аха ама јас им кажав дека он беше помошник во ЦПС со надлежност за ОСПО и ОЗОЛО

Г.З. време 17:14 (UTC+1) порака со содржина „Да прашаш како е“

Г.З. време 17:14 (UTC+1) порака со содржина „Вика никој не ми се јав“

Г.З. време 17:14 (UTC+1) порака со содржина „Тој чекал“

Митко Пешов време 17:14 (UTC+1) порака со содржина „и на сите планови и барања е потпишан и он“

Г.З. време 17:14 (UTC+1) порака со содржина „Ама не му се јавиле“

Митко Пешов време 17:14 (UTC+1) порака со содржина „зашто се потпишувал ако немал извршна и командна моц“

Г.З. време 17:15 (UTC+1) порака со содржина „Му викам па како ако некој ти кахувал дека е загрозен не си превзел ништо“

Г.З. време 17:15 (UTC+1) порака со содржина „Вика никој не ми ја ал дека е загрозен“

Г.З. време 17:15 (UTC+1) порака со содржина „Се изгуби“

Г.З. време 17:16 (UTC+1) порака со содржина „Несмееше да ме погледне од срам“

Митко Пешов време 17:16 (UTC+1) порака со содржина „јас им кажав денес дека он ми се јави еднаш да ми ги пренесе вашите насоки и ми кажа понатаму за се што ина да ве барам лично вас“

Г.З. време 17:16 (UTC+1) порака со содржина „Господ знае што лажел и измислувал“

Митко Пешов време 17:16 (UTC+1) порака со содржина „Хаха денес С. го демантираше кажа дека го известил Хитлер дека се загрозени“

Г.З. време 17:17 (UTC+1) порака со содржина „Затоа нигде го нема“

Г.З. време 17:17 (UTC+1) порака со содржина „Види“

Г.З. време 17:17 (UTC+1) порака со содржина „Во основа треба него да го преебат“

Митко Пешов време 17:17 (UTC+1) порака со содржина „да да се претставувал дека он ги спасил и дека само он командувал“

Г.З. време 17:17 (UTC+1) порака со содржина „Зошто се знаел и ништо не ка ал“

Г.З. време 17:17 (UTC+1) порака со содржина „Како не“

Митко Пешов време 17:17 (UTC+1) порака со содржина „ама сето тоа се демантира со службениот материјал“

Г.З. време 17:17 (UTC+1) порака со содржина „Лигуш“

Г.З. време 17:18 (UTC+1) порака со содржина „Кажи му на Каљајџиев неја пренесе дека тој што зборел се измислувал“

Г.З. време 17:18 (UTC+1) порака со содржина „Лаги“

Митко Пешов време 17:18 (UTC+1) порака со содржина „проблемот е со он таа приказна му ја кажува на министерот и овој му верува“

Митко Пешов време 17:19 (UTC+1) порака со содржина „јас затоа и на Д. ми реков че ве молам ова сето да му го образложите на министерот објективно и аргументирано“

Г.З. време 17:20 (UTC+1) порака со содржина „Здравје само“

Митко Пешов време 17:20 (UTC+1) порака со содржина „веце еднаш му кажав“

Г.З. време 17:20 (UTC+1) порака со содржина „Белки имаат совест“

Г.З. време 17:21 (UTC+1) порака со содржина „Сега пак мене ќе ме викаат“

Г.З. време 17:21 (UTC+1) порака со содржина „Сигурно“

Г.З. време 17:21 (UTC+1) порака со содржина „Ама прошли пат им реков“

Г.З. време 17:21 (UTC+1) порака со содржина „Доста веќе бе“

Г.З. време 17:22 (UTC+1) порака со содржина „Сите аргументи велат дека нема вина“

Г.З. време 17:22 (UTC+1) порака со содржина „Што сакате правете“

Г.З. време 17:22 (UTC+1) порака со содржина „Вие стр комисија“

Г.З. време 17:22 (UTC+1) порака со содржина „Дисциплинсја“

Г.З. времее 17:22 (UTC+1) порака со содржина „Тормозење“

Митко Пешов време 17:22 (UTC+1) порака со содржина „и затоа на една емисија он спомна дека теба да не повикаат нас да дадеме изјави па да се виде реално кој издавал наредби а кој се криел“

Г.З. време 17:23 (UTC+1) порака со содржина „Тоа е точно“

Г.З. време 17:23 (UTC+1) порака со содржина „Хитлер се крие цело време“

Г.З. време 17:23 (UTC+1) порака со содржина „Манипулатор“

Г.З. време 17:23 (UTC+1) порака со содржина „Лажго“

Митко Пешов време 17:23 (UTC+1) порака со содржина „абе со секој нов сведок вистината исплива на површина и се потврдуваат нашите аргументи а се побиваат шпекулациите“.

Митко Пешов време 17:24 (UTC+1) порака со содржина „за тоа се свесни и од комисијата ми се чине“

Г.З. време 17:24 (UTC+1) порака со содржина „Ја во 19 И 10 му дадов натедба да дојде на работа“

Г.З. време 17:24 (UTC+1) порака со содржина „А дојде после мене“

Г.З. време 17:24 (UTC+1) порака со содржина „А цело време бил во С.“

Митко Пешов време 17:25 (UTC+1) порака со содржина „да да чекал некаде калкулирал он дојде и после мене“

Г.З. време 17:25 (UTC+1) порака со содржина „Ако“

Г.З. време 17:25(UTC+1) порака со содржина „Има господ“

Митко Пешов време 17:25 (UTC+1) порака со содржина „а пн е на 30/40 км а јас на 110 од С.“

Митко Пешов време 17:26 (UTC+1) порака со содржина „це покажат анализите на мобилните кој каде бил“

Г.З. време 17:26 (UTC+1) порака со содржина „Јас знам дека не сум го прекршил законот“

Г.З. време 17:26 (UTC+1) порака со содржина „Ниту пак су дал незаконска наредба“

Митко Пешов време 17:26 (UTC+1) порака со содржина „исто и јас па сега со мислат нека прават“

Митко Пешов време 17:26 (UTC+1) порака со содржина „точно така“

Г.З. време 17:26 (UTC+1) порака со содржина „Уживај“

Г.З. време 17:27 (UTC+1) порака со содржина „Кога ќе дојдеш“

Г.З. време 17:27 (UTC+1) порака со содржина „Јави се“

Г.З. време 17:27 (UTC+1) порака со содржина „Да се видиме“

Митко Пешов време 17:27 (UTC+1) порака со содржина „ок договорено, поздрав па се гледаме“

Г.З.  време 17:27 (UTC+1) порака содржина „Поздрав“

Г.З. датум 13.11.2017 време 15:07 (UTC+1) порака со содржина „Мите здраво“

Г.З. време 15:07 (UTC+1) порака со содржина „Како си“

Митко Пешов време 15:21 (UTC+1) порака со содржина „здраво шефе еве дома“

Митко Пешов време 15:21 (UTC+1) порака со содржина „добар сум “

Митко Пешов време `15:21 (UTC+1) порака со содржина „вие како сте“

Г.З. време 15:21 (UTC+1) порака со содржина „Ги следиш порталиве“

Митко Пешов време 15:21 (UTC+1) порака со содржина „да читав“

Г.З. време 15:21 (UTC+1) порака со содржина „Добро по дома“

Митко Пешов време 15:22 (UTC+1) порака со содржина „за полицајците“

Г.З. време 15:22 (UTC+1) порака со содржина „Кичма ме. боли“

Митко Пешов време 15:22 (UTC+1) порака со содржина „за нас уште нема ништо“

Митко Пешов време 15:22 (UTC+1) порака со содржина „си се оптеретил нешто“

Г.З.  време 15:22 (UTC+1) порака со содржина „Работам нон стоп“

Митко Пешов време 15:22 (UTC+1) порака со содржина „и мене ме болеше неколку дена, берев дрва“

Митко Пешов време 15:23 (UTC+1) порака со содржина „за греење за дома па се оптеретив малку“

Митко Пешов време 15:23 (UTC+1) порака со содржина „немаш некоја информација за нас?“

Г.З. време 15:23 (UTC+1) порака со содржина „Немам Мите“

Г.З. време 15:24 (UTC+1) порака со содржина „Неостана никој што можеш да го прашаш“

Г.З. време 15:24 (UTC+1) порака со содржина „Сите бегаат од нас како да сме лепрозни“

Митко Пешов време 15:24 (UTC+1) порака со содржина „точно така“

Г.З. време 15:25 (UTC+1) порака со содржина „Здравје Мите“

Г.З. време 15:25 (UTC+1) порака со содржина „Како што ќе рече господ така нека биде“

Митко Пешов време 15:25 (UTC+1) порака со содржина „Така е здравје само, шо сака нека биде“

Г.З. време 15:26 (UTC+1) порака со содржина „Виде ли што е држава – К.“

Митко Пешов време 15:27 (UTC+1) порака со содржина „да видов“

Митко Пешов време 15:27 (UTC+1) порака со содржина „ние сме куртон држава“

Г.З. време 15:27 (UTC+1) порака со содржина „Здравје само“

Г.З. време 15:27 (UTC+1) порака со содржина „Поздрав по дома“

Митко Пешов време 15:27 (UTC+1) порака со содржина „така е, фала“

Митко Пешов време 15:28 (UTC+1) порака со содржина „поздрав и за вас и за вашите“

Г.З. датум 19.11.2017 време 13:42 (UTC+1) порака со содржина „Мите здрав“

Г.З. време 13:42 (UTC+1) порака со содржина „Како си“

Митко Пешов време 16:39 (UTC+1) порака со содржина „еј здраво шефе“

Митко Пешов време 16:39 (UTC+1) порака со содржина „добро сум само шо влегувам дома“

Митко Пешов време 16:40 (UTC+1) порака со содржина „бев да берам дрва за огрев“

На истиот датум и време Митко Пешов испраќа порака со содржина „од Праски од Росоман“

На истиот датум и време Митко Пешов праќа порака со содржина „вие како сте“

На истиот датум во 17:32 (UTC+1) Митко Пешов добива порака од Г.З. со содржина „Добро“

На истиот датум и време повторно истата личност му праќа уште една порака со содржина „Еве“

На истиот датум и време ова лице му испраќа уште една порака со содржина „По дома“

На истиот датум во 17:37 (UTC+1) Митко Пешов праќа порака со содржина „нема уште абер за нас“

На истиот датум во 17:39 (UTC+1) лицето Г.З. му праќа порака со содржина „Неделава“

На истиот датум во 17:40 (UTC+1) Митко Пешов му одговара со содржина „веројатно и јас така мислам“

На истиот датум и време лицето Г.З. му праќа нова порака со содржина „Бар такви сознанија кружат“

На истиот датум во 17:41 (UTC+1) Митко Пешов му праќа порака со содржина „да не има некоја гласина за нашиот статус?“

На истиот датум и време Митко Пешов му испраќа уште една порака со содржина „или штама е уште“

На истиот датум и време лицето Г.З. му одговара со содржина „Никој ништо не збори“

На истиот датум и време ова лице му испраќа уште една порака со содржина „Штама“

На истиот датум во 17:42 (UTC+1) Митко Пешов му испраќа порака со содржина „ха ха“

На истиот датум и време Митко Пешов му испраќа уште една порака со содржина „све е уплашено не се ни јавуваат на тел“

На истиот датум и време лицето Г.З. му праќа порака со содржина „Ќе одлучуват ви јабинетите“

На истиот датум и време лицето Г.З. му испраќа уште една порака со содржина „Кабинетите“

На истиот датум и време Митко Пешов му одговара со содржина „да да дефинитивно таму че се носи одлуката“

На истиот датум и време лицето Г.З. му исопраќа порака со содржина „Бар јас така мислам“

На истиот датум во 17:43 (UTC+1) Митко Пешов му одговара со содржина „тоа е јасно од почеток“

На истиот датум во 17:44 (UTC+1) Митко Пешов му испраќа уште една порака со содржина „овие денови ќе се кршат копјата ако до сега не донеле одлука“

На истиот датум во 17:49 (UTC+1) лицето Г.З. му одговара со содржина „Ќе видиме“

На истиот датум во 17:50 (UTC+1) Митко Пешов му праќа нова порака со содржина „здравје че издржиме уште оваа недела па шо биде нека биде“

На истиот датум во 17:51 (UTC+1) лицето Г.З. му одговара со содржина „Ке видиме“

На истиот датум и време ова лице му испраќа уште една порака со содржина „Имаат службен мстеријал“

На истиот датум 17:52 (UTC+1) лицето Г.З.  му испраќа порака со содржина „Нека рессваат“

И на истиот датум во 17:53 (UTC+1) Митко Пешов му одговара со содржина „да така е“

Од претходните пораки се гледа комуникацијата помеѓу обвинетиот Митко Пешов и лицето Г.З. и истите се однесуваат за дисциплинската постапка која се водела во МВР, како и за сведоците кои биле повикувани, но и за тоа кој според нив требал да издава наредби на критчниот ден.

Со вештачење од мобилниот телефон кој го користел Љ.А., а по наредба КО бр.66/17 од 05.12.2017 година и извештај за мобилни уреди МУ 177-2017 од 01.03.2018 година, вештачење на мобилен телефон марка „Samsung“ S4 (GT-I9505) со имеи број ... со сим картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број ..., локација на УСБ марка „addlink” со капацитет од 32 GB: USB Report's/02.2 Samsung Galaxy S4/Cellebrite Report's/ Report Samsung Galaxy S4/Samsung GSM_GT-I9505 Galaxy S4 LTE/ Report's. html”, СМС порака со реден број 402 добиена е порака, а се работи за порака од телефонски број ... лице меморирано како К. Ор.Секретар На Петка* на 27.04.2017 година во 18:51:17 секунди (UTC+2) со содржина: „Организирајте колку повеќе можете луѓе и тргнувајте накај с. со коли“.

Од оваа порака повторно може да се види дека настаните од 27.04.2017 година се добро организирани.

Од телефонскиот уред кој го користел Ј. Т. извадени се пораки и тоа извадени пораки на Вибер група Ljubanci од вештачења МУ бр.05-2018 од 02.05.2018 година на мобилен телефон марка „Samsung” модел „SM-G935F” со ИМЕИ број ... без сим картичка локација на екстрахирани податоци на ЦД со ознака МУ 05-2018 на локација CD/CELLEBRITE/01 Samsung SM-G935F/Samsung SM-G935F/Samsung GSM_SM-G935FD Galaxy S7 Edge/files/Uncategorized/Viber messages.zip.

Конверзацијата во оваа Вибер група започнува на 19.04.2017 година во 14:33:36 кога лице меморирано како Патале од телефонски број ... испраќа порака со содржина: „Брат од Љубанци секој ден има над 50 луѓе!!! Кога имаше потреба имаше и 98 луѓе највеќе”.

Истото лице од истиот телефонски број на истиот датум во 21:01:15 испраќа нова порака со содржина: „Утре 17:00 часот пред Влада!!!! Задолжително се гледаме....”.

На 20.04.2017 година во 17:49:50 лице меморирано како Мурџо Р. С. од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина: „Доста пуштате излезете на протест патале само дбаесет луѓе има од Љубанци и се едни исти”.

На 26.04.2017 година во 22:42:02 лицето меморирано како Патале од истиот телефонски број испраќа порака со содржина: „Важна вест за утрешниот ден 'За МК'!!!! УТРЕ треба да дојде се што дише на македонски начин да не се случи утре некој да не дојде а да побара нешто од нас! Утре е јубилеен 60 ти ден ЗА МК!!! НАСОКА од сабајле до 11 ч да се свртат сите до еден членови на МК. Присуство задолжително без оправдување!!!!!! 17:00часот исто место. Добра ноќ ЉУБАНЧАНИ!!!!!!!

На 27.04.2017 година во 16:01:59 лицето Патале од истиот телефонски број пушта нова порака со содржина !!!!!!! За МК се работи !!!!!! Сите во 17:00 часот на исто место !!!да ја покажеме силата на Љубанци Дене'с се јавија на 100 кои ќе приаустввуваат денес”.

На истиот датум истото лице во 16:07:37 испраќа порака со нова содржина „Сите ќе застанеме на браникот за одбрана 'За Заедничка М.' ”.

На истиот датум во 19:56:21 лице кое не е меморирано со име а од телефонски број ... испраќа порака со содржина „Абе ова требаше порано да биде ама успеавме”

На истиот датум во 19:58:25 лице меморирано како М.С. од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина „Малку му е маме му ја зајачарско”.

Организираноста на настаните од 27.04.2017 година се гледа и од претходните пораки.

Постојат повеќе пораки на Вибер група пратеници 2017 од вештачење МУ број 05-2018 од 02.05.2018 година на мобилен телефон марка „Samsung”, модел „SM-G935F” со ИМЕИ ... без сим картичка локација на екстракирани податоци на CD со ознака МУ 05-2018 на локација CD/CELLEBRITE/01 Samsung SM-G935F/Samsung SM-G935F/Samsung GSM_ SM-G935FD Galaxy S7 Edge/files/Uncategorized/Viber messages.zip.

Конверзацијата започнува на 11.04.2017 во 17:30:06, лице меморирано како В.Г. од телефонски број ... испраќа порака со содржина: „Тука се сите пратеници на Беса и на Села?”

На истиот датум во 17:30:27 лице меморирано како С. од телефонски број ... испраќа порака со содржина: „села ДА”

На истиот датум во 17:30:59 лице кое не е меморирано, од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина: „И од дпа се тука цел парламент е тука”.

На истиот датум во 17:33:49 лицето В.Ѓ. од истиот телефонски број испраќа порака со содржина: „Тука се сите пратеници на СДСМ? Фали некој?”

На истиот датум во 17:34:29 лице кое не е меморирано, а од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина: „Да”

На истиот датум во 17:34:51 истото ова лице испраќа уште една порака со содржина „Тука се”.

На истиот датум во 17:37:23 истото ова лице испраќа уште една порака со содржина: „Пребројуваше Оливер”.

На истиот датум во 17:37:24 лице кое не е меморирано а од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина „Оливер бтои”.

На истиот датум во 17:37:29 истото ова лице испраќа уште една порака со содржина: „Брои”.

На истиот датум во 17:41:45, лице меморирано како др С.В. од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина: „Нешто спремаат да бидеме на готовс”.

На истиот датум во 19:13:15 истото ова лице од истиот телефонски број испраќа уште една порака со содржина: „Сметам дека утре МОРА да се случи многу народ од 10 час до крајот на собраниска седница да бидеме подготвени комуњариве дефинитивно спремаат насилно превземање на собрание утре а четврток да биде ќе полудат уште повеќе а така прават нови грешки неработен да нема седница”.

На 12.04.2017 во 08:58:52, истото ова лице од истиот телефонски број испраќа нова порака со содржина: „Добро утро на Сите за колегите мжжеби ќе е подобро денсека да ојме во собрание без кравати ( да не ни семетет?, ознака за сонце)

На истиот датум во 9:08:24, лицето С. кое беше прочитано на почетокот од оваа Вибер група со истиот телефонски број, испраќа порака со содржина: „Саше добро е да имаш подолга и да ја фрлаш како ласо.Навежбај се:)“.

На истиот датум во 9:51:14, лицето др С.В. од истиот телефонски број, испраќа порака со содржина: „Комуњариве ќе направат обид за превземање денеска затоа народ пред собрание”.

На 27.04.2017 во 13:32:05 лице меморирано како А.М. од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина: „Според некоја логика СДСМ сака да избере денес или утре Претседател на Собрание во некоја друга сала со цел да има состојба на свршен чин пред празниците и пред посетата на Хојт Ји кој ќе би се сретнал и би го признал новиот претс на СРМ! ова е планирано да се случи во работно време од денот за да нема народ на улица!“ .

На истиот датум во 18:27:28, лицето С. од истиот телефонски број испраќа порака со содржина: „овај павле како да се токми за на говорница”.

На истиот датум во 18:27:32, повторно лицето С. од истиот телефонски број испраќа порака со содржина „вадеше саатот”.

На истиот датум во 18:27:50, лице меморирано како Љупчо Пратеник СПМ од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина: „Би било добро полека да се исклучува осветлуваењето во сала....”

На истиот датум во 19:31:55, лице кое не е меморирано од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина: „Сега во моментов гласаат влада 3.”.

На истиот датум во 19:32:44, друго лице кое не е меморирано а од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина „Луѓе да одиме горе”.

На истиот датум во 19:33:49, лице меморирано како И.Д. од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина „Седете во сала”.

На истиот датум во 19:42:03, лице кое не е меморирано, а од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина: „Иле јас сум кај обезбедувањето.... одев кај лекарот за апчиња и ме прибраа тука имаше малку хаос...”

На истиот датум во 19:43:43, лице кое не е меморирано, а од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина: „Се пука горе”.

На истиот датум во 19:44:35, лице кое не е меморирано, од телефонскиот број ..., испраќа порака со содржина: „Леле неизлегувајте”.

На истиот датум во 19:45:18, лице меморирано како ДАФИНА од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина: „Не сме сите во сала луѓе”.

На истиот датум во 20:00:54, лице кое не е меморирано, од телефонскиот број ..., испраќа повторно порака со содржина: „Кај сте колеги треба да излезиме ли од сала?“

На истиот датум во 20:29:20, повторно лицето ДАФИНА од истиот телефонскиот број испраќа порака со содржина: „И комуњарите иделе за Ск сите”.

На истиот датум во 20:35:43, лице кое не е меморирано, од телефонскиот број ... повторно испраќа порака со содржина: „Ова излезе од контрола треба некој да превземе нешто и да ги контролира луѓево”.

На истиот датум во 20:40:51, лице д-р С.В. од истиот телефонскиот број испраќа порака со содржина: „А Иванов?

На истиот датум во 22:12:40, лице кое не меморирано а од телефонскиот број ... повторно испраќа порака со содржина: „Имаме некакви насоки”.

На истиот датум во 22:13:03, лице меморирано како З.И. Б. од телефонскиот број ..., испраќа порака со содржина: „Сега засега нема. Чекаме.”

На истиот датум во 22:43:03, лице кое не е меморирано, а од телефонскиот број ... препраќа порака на руски јазик од портал Железник.

На истиот датум во 22:44:23, лице кое не е меморирано, а од телефонскиот број како и претходно испраќа порака со содржина: „Кремл подржава увоџење ванредног стања у МК!”.

На 29.04.2017 година во 21:42:40, Јохан Тарчуловски од телефонскиот број ... препраќа наслов со следната содржина: „Text:„(ФОТО) ТРИ ГРУПИ ПАРАВОЈСКИ НА ДПМНЕ БИЛЕ ВО СОБРАНИЕ - ПЛАНОТ ЗА ЛИКВИДАЦИЈА НЕ ИМ УСПЕА! - Reporte”. Во продолжение следи линк од натписот %DO%BF%D0%BO%D1%80%DO%BO%BO%B2%DO%BE%

D1%98%D1%81%DO%BA%DO%B8%DO%BD%DO%BO-%DO%B4%DO%BF%DO%BC%DO%BD%DO%B5-%DO%B1%DO%Б8%DO%BB\/”}}“.

На истиот датум во 21:45:07, Јохан Тарчуловски од истиот телефонски број испраќа уште една порака со содржина: „Еве голеги и кога си мирен теретот од минатото секогаш ќе те следи за цел живот. Иако нема ни грам вистина сдкогаш мене ќе ме стават ви прв план. Но ќе си ја докажеме нашата вистина”.

Од претходните пораки јасно произлегува дека влегувањето во Собрание е добро организирано а се гледа и какви пораки пишуваат дел од пратениците на ВМРО ДПМНЕ при што посебно треба да се нагласи пораката со содржина „А Иванов“?

Видно од Вештачење МУ бр.05-2018 од 02.05.2018 година на мобилен телефон марка „Samsung”, модел „SM-G935F” со ИМЕИ:... без сим картичка локација на екстрактирани податоци на CD со ознака МУ 05-2018 на локација CD/CELLEBRITE/01 Samsung SM-G935F/Samsung SM-935F/Samsung GSM_SM-G935FD Galaxy S7 Edge/files/Uncategorized/Viber messages.zip/ Dare Ums Butel.csv” извадени се пораки на Вибер група Ljubanci

Конверзацијата продолжува на 01.05.2017 година во 15:13:38 кога лицето Д. Умс Б. од телефонскиот број ... испраќа порака со содржина: „херој ова можеш да го првпратиа до чавков“.

На истиот датум во 15:13:54, истото ова лице од истиот телефонски број испраќа нова порака со содржина: „да не не приведат”.

На истиот датум во 15:14:33, повторно истото лице од истиот телефонски број испраќа уште една порака со содржина: „препратиш*”.

На истиот датум во 15:15:11, Јохан Тарчуловски од истиот број кој беше и претходно прочитан испраќа порака со содржина: „Ок”.

На истиот датум во 15:15:19, лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број испраќа „ :)“.

На истиот датум во 15:15:40, повторно лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број испраќа порака со содржина: „да не одат дома по децава..... па и девојче едно .... вака ок е да се следи ....”.

На истиот датум во 16:00:39 повторно лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број испраќа порака со содржина: „инспекторот што не легитимираше вчера сега влегол кај директорот на музеј он е одговорен за порта м. .....”

На истиот датум во 16:00:51 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број испраќа порака со содржина: „ваљда ќе го прашува како сме се качиле горе”.

На 09.03.2017 во 21:29:07 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број испраќа порака со содржина: „Херој на двајца им стигнало”.

На истиот датум во 21:29:10, лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број испраќа уште една порака со содржина: „за утре”.

На истиот датум во 21:29:12 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број испраќа порака со содржина: „....”

На истиот датум во 21:29:21 повторно лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број испраќа порака со содржина: „што да прават?”

На истиот датум во 21:29:32 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број испраќа уште една порака со содржина: „да го прашаме митко....или?”

На истиот датум во 21:33:47 Јохан Тарчуловски од истиот телефонски број испраќа порака со содржина: „Ќе му пишеш или јас да му пишам”.

На истиот датум во 21:34:23 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му испраќа одговор на обвинетиот со содржина: „ај вака тоа беше насока од умс сеа на нело ќе му пишам он нека му каже а ако треба нешо ќе ти кажам на тебе.....”

На истиот датум во 21:34:39 Јохан Тарчуловски од истиот телефонски број му одговара со содржина: „Да”

На истиот датум во 21:36:26 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му праќа порака со содржина: „окок”.

На 21.04.2017 година во 13:09:43 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „Херој денеска беше завршното во О. во судот да те замолам само ако можеш уште еднаш да му пишеш на претседателот на судот. Фала ти многу”.

На истиот датум во 13:11:33 Јохан Тарчуловски од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „Што да пишам”.

На истиот датум во 13:12:57 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „Тој денеска дојде со адвокат тој адвокатот пред да влеземе му вика на тој со него ајде уште малку ќе паднат уште малку :) Па ако можеш да му кажеш во смисла да го потсетиш дека сите сведоци што ги предложи тој рекоа дека немаат врска со случајот и дека ништо немаат видено.....”.

На истиот датум во 13:17:16 Јохан Тарчуловски од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „Ок”.

На истиот датум во 13:23:57, лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „фала ти”.

На истиот датум во 13:29:19 обвинетиот од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „Милчо ли се викашр”.

На истиот датум во 17:27:27 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му одговара со содржина: „Херој возев не сум видел”.

На истиот датум во 17:27:30 повторно лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му испраќа уште една порака на Јохан Тарчуловски со содржина: „Дада Милчо”.

На 27.04.2017 година во 18:24:58, лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „како е?”

На истиот датум во 18:25:13 Јохан Тарчуловски од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „Не си одат”.

На истиот датум во 18:25:26, лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „ок”.

На истиот датум во 18:25:38, Јохан Тарчуловски од истиот телефонски број му праќа порака со содржина: „И ние сме тука”.

На истиот датум во 18:25:54, Јохан Тарчуловски му испраќа уште една порака со содржина: „Мора и од позади да има луѓе”.

На истиот датум во 18:26:11, лицето Даре Умс Бутел од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „Кај АРМ?”

На истиот датум во 18:26:31, од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „Да тука им се колите”.

На истиот датум во 18:26:38, лицето Даре Умс Бутел од истиот телефонски број испраќа порака со содржина: „ОК”.

На истиот датум во 18:27:42 од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „Појак притисок”.

На истиот датум во 18:28:11 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „ОКОК што има пишими....”

На истиот датум во 18:31:09 од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „Нема пролаз”.

На истиот датум во 18:32:12 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „хехехе”.

На истиот датум во 18:32:17 лицето Д. Умс Б. од истиот телефонски број му испраќа порака со содржина: „нека поминат сега!!!!”

На истиот датум во 18:56:28, повторно лицето Д. Умс Б. испраќа уште една порака со содржина: „хаос е надвор”.

Од претходните пораки се гледа како се организираат луѓето пред Собрание при што се распоредуваат и од задната страна на Собранието кај АРМ каде што биле колите на пратениците. Повторно може да се заклучи дека настаните кои се случија во Собрание на ден 27.04.2017 година биле добро организирани многу пред да истите се случат.

Од мобилниот телефон на Јохан Тарчуловски, а се од извештајот со број МУ бр.05-2018 од 22.08.2018 година II дел Јохан Тарчуловски/МУ бр.05-2018 (II Дел) скрин шотови Изводоци на скрин шотови од видео записи од вештачење/ Сликите се именувани: b. K. i. png, dare ums b. 1.png, goze bozo 1.png; goze bozo 2.png; hm so johan tarculovski1.jpeg; hm so johan tarculovski2.jpeg; h. M.1.png; h. M.2.png, L. P..png, pratenici 1.png; pratenici 2.png; pratenici3.png; pratenici4.png; Stevangija2.png; Stevanagija.png; vepre.png; извадени се пораки кои што се сликани од наведениот телефон. Следи Сигнал комуникација помеѓу обвинетиот Јохан Тарчуловски со лицето „B. K. I.” на ден втори Јануари 2018 година во 19:23 часот.

На сликата во горниот дел се гледа дека пишува повикан Б. К.И., под името стои датум 30 декември, време 21:40, под него следи порака од левата страна со содржина: „На спрат сум” од истиот датум и време. Од десната страна под оваа порака следи нова порака „7”, а под неа стојат истиот датум и време како и претходно. Под оваа порака на средина од телефонот стои вт.2 јан.2018 г., потоа следи порака со содржина: „Не попуштаат за 27 повикуваат пак луѓе по станици. Се е контра од ветеното. Не стојат до зборот“, под пораката во долниот десен агол стои датум 2 јан.19:23

Постои Вибер комуникации помеѓу Јохан Тарчуловски и Д. Умс Б. на 07.12.2017 година. Првата горна порака не може целосно да се прочита, под неа следи нова со содржина: „хм спин е ова.... мислам дека внесуваат забуна... ама незнам зошто тоа им одговара”. Потоа следи порака од обвинетиот со содржина: „Не тоа е вистината кој ја знав а не кажав на никој”. Потоа следи нова порака со содржина: „Но незнам од каде им е”. Потоа следи порака од лицето Д. Умс Б. со содржина: „што ми зборуваш.....”.Под неа има уште една порака од истото лице со содржина: „а кој да нападне?”На крајот се гледа уште една порака од Јохан Тарчуловски со содржина: „Во гужба било кој но не се качив горе по никоја цена”.

На следната слика продолжува конверзацијата од претходно, па после последната, следи нова порака од лицето Д. Умс Б. со содржина: „хмм, баш би сакал да ми кажеш што е како кога ќе се видиме”. Под неа, следи нова порака со содржина: „ме збуни сега.....”. Под неа, има нова порака од Јохан Тарчуловски, со содржина: „Поздрав”. На крајот се гледа уште една порака од лицето Даре Умс Бутел со содржина: „Ајде херој се гледаме”.

Јохан Тарчуловски има разговор на Вибер со лицето Г. Б. на 07.12.2017 година во 00:34 часот. На сликата се гледа насловна страна од весникот „Фокус“, во левиот дел има натпис „Каква улога имал хашкиот затвореник на крвавиот четврток”, на сликата се гледаат повеќе пратеници, а во долниот дел од сликата стои наслов „ЈОХАН ТАРЧУЛОВСКИ КООРДИНАТОР НА ПУЧИСТИТЕ ИЛИ МЕТА ЗА ЛИКВИДАЦИЈА?“

Следен е разговор на Вибер помеѓу Јохан Тарчуловски со лицето Г. Б. на 07.12.2017 година во 00:41 до 00:45 часот. Во горниот дел се гледа порака од обвинетиот со содржина: „Тоа е вистина. Но кој им кажал”.

Потоа следат три пораки од лицето Г. Б. , првата е „Чекај чекај“, следната порака е „Како бе вистина“ и третата „За твоја ликвидација ли“, па следи порака од Јохан Тарчуловски со содржина: „Да“, па во продолжение следат три пораки од лицето Г., првата е „Ау ау а ти ќутиш“, следната е „Е за ово јас ќе те утепам :) што си криел“, па третата порака е со содржина: „А за шпијуни колку сакаш као бишкоска и весела дружина“.

Јохан Тарчуловски има Сигнал пораки со лицето Х.М. на 10 јануари 2018 година.

Првата порака е во 01:19 со содржина: „Последно инфо од денес е повторно позитивно Јохан, дека утре и задутре ќе се решава!“.

Па следи нова порака во истото време со содржина: „А имаат ли сите поднесено жалби. Имаме ли таква инфо“. Следи нова порака во 01:20: „Да, се е комплетно“. Па во истото време следи нова порака со содржина: „За сите 36“.

Во 01:21 е последната порака со содржина: „Детали не знам, само знам дека Дончо е во тек и дека сите поднеслв“.

Постојат и други Сигнал пораки помеѓу лицето Х. М. и Јохан Тарчуловски на 16 јануари 2018 година. Првата порака е во 22:20 е на 15 јануари со содржина: „Ме става во густо безпотреба“.

Потоа следните пораки се на 16 јануари 2018, првата е во 02:57 и е со содржина: „Непријатно малку“, па следната е во 09:02 и е со содржина: „Одам во 10 во обвинителство изјава да дадам. Жаклина била вчера мене ме викнаа денес“ и на крајот стои „Х. М. извршен ве повика“ на 16 јануари во 09:04.

Помеѓу лицето Х. М. и Јохан Тарчуловски на 26.12.2017 година има и Вибер пораки, па така првата порака е од Јохан Тарчуловски и е со содржина: „Не би било фер ни коректно да се враќаме во собрание без да ги пуштат затворените луѓе. Ќе биде контраефект ќе почнат големи напади и плукања по нас. На тие луѓе внатре ние сме им последна шанса за излез. Би требало да се направи поголем притосок за да се издејствува слобода. Сите го очекуваат тоа од нас“.

Следната порака е од лицето Х. М. во 17:38 со содржина: „Јохан, не знам како ти е пренесено, но работиме токму на тоа!“

Во 17:43 Јохан Тарчуловски му испраќа нова порака со содржина: „Тоагаш се е ок. Важно да не се попушти пред ослободување на луѓето“.

На 29.12.2017 година повторно има Вибер пораки помеѓу лицето Х. М. и Јохан Тарчуловски. Првата порака е од Јохан Тарчуловски во 15:01 со содржина: „Имаме ли нешто ново. Ќе остане ли на зборот“.

Следната порака е од лицето Х.М. во 15:28 со содржина: „Јохан, ние го направивме нашето, сега до него е..., му пишав денес дека ние сме завршиле, ми врати позитивен одговор!“.

И во 16:31 Јохан Тарчуловски испраќа нова порака со содржина: „Ајде со Господ напред ќе биде. Како се снаоѓаш ќе биде добро. Реално добро и позитивно поминуваш кај луѓето. Цело време ми доаѓаат виљан

луѓе и нема никој лоши зборови. Само да се издигнеме од мртвилово и да се обедини се што може“.

Воедно постојат и допишување на Вибер група „Pratenici 2017“, при што првата порака е во 09:12 од В. Д. со содржина: „Доаѓам“.

Следната порака е од лицето д-р С. В. во 09:16 со содржина: „Би сакал да го поздравите една група кај него уште денес Нашиот претседател Ѓоге“.

Па истото време следи уште една порака од истото лице со содржина: „Јас ќе одам на распит вие организирајте се, Ве поздравувам“.

Па во 09:26 од лицето А. М. следи порака со содржина: „Не рекле џабе старине Несуден арамија (33), посилен од кадија!“

Во продолжение е продолжетокот од оваа конверзација, а првата порака е во 12:37 и од истата се гледа дека под точка 9 стои името Т. Д., а под него под 10 Л. З., под 11 Б. Л. и под 12 Љ. Д..

Во 12:38 од лицето Д. Р. следи порака со содржина: „Јас не“.

Во 12:40 следи порака од д-р С. В. со содржина: „Поздравете го претседателот“.

Па во 12:40 лицето Б. пишува две пораки. Првата е со содржина: „Сашо како си“ и следната е „Кај си“.

Па во 12:41 д-р С.В. пишува порака со содржина: „Добро Благе еве кај адвокат и одам на распит во 14 час“.

Во продолжение од оваа Вибер комуникација првата порака е во 1:03 и е од А. М., а во горниот дел од телефонот се гледа датум 29.11.17 со содржина: „Ќе ни требаат конкретни имиња и потврда за да можеме и тоа да го искомуницираме со странците..., доколку е така“.

Во 1:04 следи порака од Тарчуловски со содржина: „Мора некој да ни каже сега за сега муабет од џандари но кој да знае дали е вистина“.

Во 1:50 следи порака од д-р С. В. со содржина: „Еве сега и јас излегов но само до петок, мора да има притисок особено на претседателот само тој може да го разрешинова лудило, кажете каков е план за утре“.

Следат пораки од истиот датум од истата Вибер група, па првата е во 1:52 од лицето С. со содржина: „А Жаки“.

Потоа следи порака од лицето Д. во 1:53 со содржина: „Излезе таа 10 минути пред Сашо“.

Па во 1:57 д-р С.В. пишува порака со содржина: „Само Ѓорѓе ова може да го реши“.

Па во 3:32 В.Ѓ. пиушува порака со содржина: „Закажана е утре мандатно-имунитетна?Поздрав“.

Јохан Тарчуловски на ден 26.12.2017 година има Вибер комуникација со лицето С., а  првата порака е од лицето С. во 13:44 со содржина: „ќе те барам“, па во 13:45 има нова порака од истото лице со содржина: „чекаме“, па во истото време нова порака „што понатаму“, па следна „ќе знаеме по 16“, па следна порака во истото време „ќе се видат км со зз“, па следна порака во истото време „има предлог да се вратиме“ и последната е „...“. Потоа во истото време следи порака од Јохан Тарчуловски со содржина: „Без пуштање на луѓето би било срамота“. Во 13:46 лицето С. му одговара со содржина: „точно“. Меѓу овие две лица има и други пораки, па така има порака од лицето С. во 13:51 „курир.мк“. Потоа во 16:45 ова лице му испраќа нова порака со содржина: „има брат еден муабет“. Следна порака во истото време „од два извори“, па во 16:46 следна порака „мене минспомна една будаа од НСДП пред 7 дена дека на 26 ти ќе ги ослободат луѓево“. Во истото време следна порака „од притвор“. Во 16:46 стои порака од ова лице со содржина: „а вчера и еден чоек шо седел со КМ“.

Воедно постои и комуникација на Вибер помеѓу лицето „Vepre“ и Јохан Тарчуловски на ден 07.12.2017 година. Првата порака не се гледа целосно и во долниот дел стои: „падне и троа вмровска крв“, па следна порака од ова лице е во 0:41 со содржина: „аиии од кај сеа ова“, па во 0:42 нова порака со содржина: „може спинуваат да напраат раздор“.

Во 0:43 Јохан Тарчуловски пишува порака со содржина: „Не ја го знаев тоа и затоа не мрдав од место цела вечер“.

Во 0:44 лицето Вепре пишува порака со содржина: „е кој ќе праи атак на тебе“, а во истото време уште една порака следи: „не свакам“.

Во истото време Јохан Тарчуловски испраќа порака со содржина: „Наши брат курбан да одам а да се измешаат работите. Да стане хаос“.

Претходните пораки се претежно помеѓу пратеници од ВМРО ДПМНЕ, при што интересни се пораките помеѓу тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Јохан Тарчуловски и лицето меморирано како Вепре каде Јохан Тарчуловски зборува дека знаел дека треба да падне и вмровска крв, па затоа цела вечер не се качил горе и не мрднал од место цела вечер, при што ја праќа пораката со содржина „Наши брат курбан да одам а да се измешаат работите. Да стане хаос“.

Претходно наведените докази и тоа репродукција на снимки и телефонски комуникации се однесуваат токму на настаните од 27.04.2017 година и од истите произлегуваат дејствија на обвинетите, заради што судот целосно се осврнува на овие докази меѓу кои се и вештачење на телефони на тогаш обвинетите, а сега амнестирани, со оглед да истите се битни за утврдување на фактичката состојба.

Со Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење полициски работи (Златна, Сребрена и Бронзена команда) од октомври 2013 година на МВР на РМ, се уредува воспоставување на единствен систем за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистичко истражување и други видови на полициски работи. Согласно чл.1 од ова упатство, за време на водење на криминалистичко истражување и други видови на полициски работи, само еден полициски службеник ќе биде назначен за одговорен. Криминалистичките истражувања, полициските работи и

полициските тактики се водат по претходно јасно поставени командни структури со дефинирани улоги, функции, одговорности и овластувања. Согласно чл.2 од наведеното упатство, единствениот систем за управување, команда и контрола се воспоставува преку јасно разграничување на надлежностите и овластувањата за носење на одлуки на стратешко, тактичко и оперативно ниво. Во функција на воспоствување на единствен систем на командување се воспоставува модел на Златна, Сребрена и Бронзена команда кој е доста флексибилен и може да се примени на било кој тип на криминалистичко истражување или полициски работи. Сите раководители во една командна структура треба да бидат запознаени за параметрите на нивната улога, отчетот и одговорноста, односно сите инволвирани во криминалистичко истражување или полициски работи јасно да разбираат кои се нивните должности. Видно од чл. 4 на ова упатство, Златната команда има функција да ги развива и одредува стратешките цели и определува тактичките параметри и е целосно одговорна за водење на криминалистичкото истражување или полициските работи. Златната команда е секогаш една и може да има повеќе советници за разни области (советници за тактика, логистика, правни советници и друго). Златната команда секогаш ја претставува највисокиот по функција раководител на организационите единици кои се вклучени во водење на полициските работи кој се нарекува „златен командир“. Неспорно е дека златен командир бил обвинетиот Митко Чавков кој бил Директор на БЈБ. Видно од чл. 5 на Упатството при водење на акции на централно ниво златна команда е началникот на ЦПС, а во одредени ситуации и директорот на БЈБ. При водење на акции во рамките на еден Сектор за внатрешни работи (СВР) златна команда е началникот на СВР. При водење на акции кои се спроведуваат на територијата на повеќе СВР, златната команда ја делегира директорот на БЈБ . Видно од чл. 7 на Упатството за време на водење на криминалистичко истражување и полициски работи златниот командир ги има следните обврски: одговорен е за целокупната стратешка команда и има одговорност и обврска за отчет за операцијата; при водење на криминалистичко истражување или полициски работи потребно е да ги обезбеди потребните ресурси; води состаноци со стратешкото координативно тело кога се одржуваат во случај на мултиагенциски/мултидисциплинарен одговор на некој инцидент; треба да ја постави, прегледа и ажурира стратегијата за постапување при што може да вклучи некои тактички параметри; треба да биде во позиција да одржува ефективна стратешка команда на акцијата; треба да одржува стратешки преглед и не треба да се впушта во одлуки на тактичко ниво; треба да биде достапен на сребрениот командир за координација, ако е потребно; треба да обезбеди стратегија за акцијата да е документирана, со цел да овозможи јасна ревизорска трага, вклучувајќи било каква промена на стратегијата; одговорен е да обезбеди еластичност на командната структура и ефикасност на сребрениот командир. Операции со повеќе од една област на активност бараат воведување на командна структура со пропишани

јасни и недвосмислени командни процедури за постапување и која може да се справи со потенцијално конкурентни барања.

Надлежностите на сребрената команда се утврдени во членот 8, па така сребрениот командир ја претставува сребрената команда и е одговорен за развивање и координирање на тактичките планови со цел спроведување на стратешките намери на златната команда во рамките на поставените тактички параметри. При водење на криминалистичко истражување или полициски работи може да има повеќе сребрени командири за различни фази или за различни елементи од акцијата со јасно дефинирани надлежности со цел да не дојде до преклопување. Сребрената команда најчесто ја претставуваат раководителите на оперативните единици кои се составени од помали независни тимови или одделенија. На централно ниво и на ниво на СВР тоа се началниците на оперативните единици, командири на посебните и специјалните единици, командирите на полициски станици и други кои со планот на златната команда се определени за одговорни за одредена акција. Одговорноста на сребрениот командир е да ја менаџира тактичката проценка на состојбата и да ги има во предвид расположивите ресурси. Во случај да се јави потреба за отстапување од зададените тактички параметри, сребрениот командир е должен за тоа да побара одобрување од златната команда. Но во ситуации кои не трпат одлагање носи тактички одлуки по сопствена проценка доколку ситуацијата е таква што доколку не се спречи веднаш може да настанат непоправливи последици по имотот, здравјето и безбедноста на граѓаните. Сребрениот командир треба да е поставен така за да може ефективно да раководи со акцијата, а по потреба и директно да раководи со операцијата и истиот е одговорен за следното: одговорен е за обезбедување на сите потребни ресурси за успешна реализација на акцијата; одговорен е за правилно водење на книгата за донесени одлуки и издадени наредби, со цел создавање на можност за понатамошна ревизија; на крајот на секоја поединечна акција целосно и детално реферира на златната команда и на бронзените командири; треба да направи целосна и детална проценка на достапните информации и да се консултира со тактичкиот советник; одговорен е за развивање и координирање на тактичкиот план; контролира дали сите полициски службеници/персонал се целосно информирани за целите на акцијата; треба да обезбеди ефективна тактичка команда врз операцијата; треба да овозможи сите одлуки и наредби да се документираат во книгата за донесување на одлуки и издадени наредби; претставува клучна алка во командниот процес помеѓу бронзените командири и златниот командир; навремено ги известува сите командири за тековните случувања при водење на акцијата; постојано ја следи и прегледува потребата за специјализирани полициски службеници за одредени специјалности; има одговорност да ги прегледува, ажурира и комуницира за промените во тактичкиот план со бронзените командири и ако е потребно и со златниот командир; задолжително врши целосно и темелно реферирање по завршување на конкретната акција и крајната одговорност за управување

со акцијата и распоредување на ресурсите останува кај сребрениот командир во консултација со тактичкиот советник. Битно е да се нагласи дека сребрената команда, командува и координира со целокупниот тактички план кој ги поврзува златниот и бронзениот командир.

Согласно чл 9 ос Упатството бронзениот командир е должен да обезеди имплементација на планот на сребрениот командир во рамките на својата територијална и функционална надлежност. Бронзен командир е раководителот на оперативните тимови кои се непосредно присутни на теренот и ги спроведуваат тактичките одлуки делегирани од сребрениот командир. Може да има повеќе бронзени командири ако има повеќе тимови и средства распоредени на поголем број локации. Бронзената команда мора да бара дозвола за секоја промена на планот од сребрената команда, меѓутоа ова не ја спречува бронзената команда да има самостојност да одговори на настани критични со време, закани и должности кои се во рамките на Законот. Должностите на бронзениот командир се точно утврдени во чл. 10 од наведеното упатство а станува збор за директно и непосредно раководење и командување со тимот во фазата на операционализација на планот; должен е постојано да го известува сребрениот командир за равојот на акцијата; донесува одлуки во рамките на неговата надлежност и бара одобрување за било која промена на тактики; должен е да обезбеди јасни комуникациски канали кои постојат помеѓу него, сребрениот командир и полициските службеници со кои командува; треба да овозможи сите одлуки и наредби да се документираат во книгата на донесување на одлуки и издадени наредби; мора да има знаење и јасно разбирање за неговата улога и целта на акцијата; мора да овозможи соодветно известување на персоналот со кој командува; одржува ефективна команда од неговата област на одговорност; треба да биде достапен за оние кои се под нивна команда, но исто така треба да им овозможи доволно независност за извршување на нивните специфични улоги, во согласност со стратешкиот и тактичкиот план.

Неспорно е дека во ова Упатство во чл. 11 е наведено дека при водење на акции од исклучително големи размери за кои се потребни огромни ресурси и кои се одвиваат на територијата на цела држава или поголем дел од неа, односно операции во кои се вклучени и други институции и агенции се формира Стратешко координативно тело (СКТ) кое се става на располагање на златниот командир. Во состав на СКТ треба да бидат застапени раководители од сите институции и агенции кои учествуваат во конкретната акција. Решение за формирање на Стратешкото координативно тело донесува министерот за внатрешни работи. Меѓутоа, со Упатството за изменување на упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (Златна, Сребрена и Бронзена команда) од октомври 2015 година на МВР на РМ се менува  чл. 11 а имено видно од ова Упатство во

Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистичките истражувања и вршење на полициски работи (Златна, Сребрена и Бронзена команда) бр. 22.5-2472/1 од 16.10.2013 година во чл. 11 ст. 3 зборовите „министерот за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите „директорот на БЈБ“. Оттука јасно произлегува дека решение за формирање на Стратешко координативно тело донесува директорот на БЈБ.

Согласно чл. 14 од Упатството во зависност од природата на операцијата може да се формира оперативна канцеларија со командна структура, во која ќе бидат вклучени сите неопходни компоненти. Членови на оперативната канцеларија се златниот командир, советници, аналитичар, технички персонал задолжен за поддршка и одржување на информатичката технологија и комуникациските системи, сребрените командири, а со оперативната канцеларија раководи златниот командир. Истиот кога командната структура е формирана превзема мерки за воспоставување на јасни командни процедури за постапување кое нешто е предвидено во чл. 15 од упатството.

Со Стандардна оперативна процедура за одржување на јавен ред и мир преку редовно полициско работење на јавни собири и спортски натпревари од октомври 2013 година на МВР на РМ се регулираат прашањата кои се однесуваат на јавниот ред и мир и безбедноста. Процедурата ги опфаќа прашањата кои се однесуваат на заштита на правата и слободите на граѓаните, одржувањето на јавниот ред и мир преку редовното полициско работење, одржувањето на јавниот ред и мир на јавни собири, спортски натпревари и приредби, безбедносна проценка (проценка на ризик), подготовка и планирање, координација на службите вклучени и опфатени со планот за обезбедување. Одржувањето на јавниот ред и мир е суштинска задача на полицијата. Јавниот ред и мир е предуслов за безбедна заедница за живеење и работа, односно за вообичаено живеење на граѓаните без чувство за нивна загрозеност или вознемиреност. Целта на оваа Стандардна оперативна процедура не е да ги дефинира сите можни ситуации и постапки во делот на редовното полициско работење, туку да даде основни насоки за одржување на јавниот ред и мир преку редовно полициско работење, преку собирање на информации, како и одржувањето на јавниот ред и мир во услови на поголеми јавни собири, приредби и секако спортски натпревари. При изготвувањето на Стандардната оперативна процедура е направена и правната рамка при што тука е и ЕКЧП, потоа Уставот на РСМ, Законот за полиција, Законот за јавни собири, Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари, но и Правилникот за начинот на вршењето на полициските работи. Притоа, во Стандардната оперативна процедура јасно е наведено дека согласно Уставот на РСМ основните слободи и права на човекот и граѓанинот се една од темелните вредности на

уставниот поредок на РСМ, а граѓаните се еднакви во нивните слободи и права, без оглед на пол, раса, боја на кожа, национално или социјално потекло, политичко или верско убедување, имотен или социјален статус. Граѓаните се рамноправни пред Уставот и законите, при што Уставот на РСМ го гарантира правото на граѓаните мирно да се собираат, да изразат јавен протест и без претходно за тоа да имаат дозвола. Уставот го ограничува ова право на граѓаните само во услови на воена и вонредна состојба.

Согласно Законот за полиција основна надлежност на полицијата е да штити преку преземање на мерки и дејствија насочени кон заштита на животот, имотот и личната сигурност на граѓаните, спречување на вршење на кривични дела и прекршоци и откривање на сторители на кривични дела и прекршоци, заштита на човековите права и слободи, одржување на јавниот ред и мир, укажување помош и заштита на граѓаните кога за тоа имаат потреба и друго, а сето ова е содржано во чл. 5 од Законот за полиција. Согласно Законот за јавни собири се уредува начинот на кој граѓаните може да го остварат правото на мирно изразување на мислење и јавен протест, обврските на организаторот на јавниот собир, како и случаите кога собирот, односно протестот може да биде прекинат како и недозволените однесувања од страна на учесниците на јавен собир или протест кои подлежат на санкција. Со Правилникот за начинот на вршење на полициските работи се операционализираат одредбите од Законот за полицијата при што Правилникот во посебна глава ги уредува: одржувањето на јавниот ред и мир преку редовно полициско работење; одржување на јавниот ред и мир на јавни собири, спортски натпревари и јавни приредби и вонредното обезбедување на јавни собири, спортски натпревари и јавни приредби (подготовка и планирање). Битно е тука да се напомене дека во Стандардната оперативна процедура е јасно наведено дека полицијата како една од компонентите на кривично-правниот систем, во секојдневното извршување на полициските работи, особено на полето на превенцијата најмногу може да се потпре врз иницијативата и помошта од граѓаните и заедницата во целина. Полицијата покрај чувар на јавниот ред и мир, мора да биде посветена кон проактивното и превентивното дејствување во заедницата и при секојдневното вршење на својата функција полицијата треба да испрати јасна порака до јавноста дека полициската работа ќе се врши со и за заедницата, а не против истата. Со тоа основната функција на полицијата ќе биде преземање мерки за спречување на казнивите дела и одржување на поволен јавен ред и мир наместо преземање мерки по сторено казниво дело или преземање мерки по веќе нарушен јавен ред и мир. Доколку на јавен собир дојде до нарушување на јавниот ред и мир, а истиот не може да се воспостави без ангажирање на посебните единици на полицијата, одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир му издава наредба на одговорниот полициски службеник на посебните единици, да ги преземе потребните мерки за воспоставување на

нарушениот јавен ред и мир. Притоа истиот е должен да му укажува помош со сопствените расположиви сили.

Видно од Упатството за криминалистички истражувања и справување со криминални групи број 235-81613/1 Ноември 2014 година, на МВР на РМ со истото се пропишува начинот на справување со криминални групи и водење на криминалистичко истражување во БЈБ со цел преземање на превентивно-репресивни мерки и дејствија за спречување на вршење на кривични дела, откривање на кривични дела и нивните сторители од страна на надлежните организациски единици. Во чл. 7 од Упатството е предвидено дека методи за спроведување на криминалистичкото истражување се: Криминалистичка контрола, Криминалистичка обработка и Оперативна акција. Согласно чл. 8 од Упатството, Криминалистичката контрола претставува организиран начин на оперативно дејствување на полицијата која има нагласен превентивно-репресивен карактер и се состои во идентификување, следење и анализа на лица, криминални групи или места/објекти за кои врз основа на добиени сознанија или случени претходни настани постои сомневање дека се подготвуваат и извршуваат кривични дела кои се гонат по службена должност. Криминалистичката обработка пак согласно чл. 46 од Упатството претставува највисок стадиум на криминалистичкото истражување, систем на планска, организирана примена на оперативно–тактички и технички методи и средства, истражни мерки и дејствија насочени кон тоа да се спречи, открие одредено кривично дело, да се открие и утврди одреден сторител на кривично дело и за истиот да се обезбедат докази за кривично-правен прогон.

Во чл. 79 од Упатството е јасно утврдено дека Оперативната акција (ОА), претставува организирано, синхронизирано, координирано, краткотрајно и временски ограничено превземање на конкретни мерки и активности на повеќе организациони единици на полицијата заради идентификување, следење и анализа на одредена криминална/безбедносна појава од одредена област на криминалитет со цел идентификување на лица, криминални групи и казниви дела заради спречување на нивно извршување или утврдување на казниви дела и нивните сторители. Оперативна акција се воспоставува кога постојат основи на сомнение дека одредена безбедносна појава започнува да претставува потенцијална закана и има индиции за нејзино понатамошно ширење и ескалирање поради што е потребна брза полициска акција и ангажирање на поголем број на полициски службеници со цел навремено спречување на истата. Оперативна акција се воспоставува за значајни безбедносни појави или настани од висок безбедносен ризик за граѓаните и државата како избори, самити, значајни собири и манифестации, појави во областа на криминалитетот, јавниот ред и мир, безбедноста на сообраќајот, државната граница и друго. Оперативната акција се води под псевдоним, со утврден временски рок кој по потреба може да се продолжува. Предлогот за воспоставување оперативна акција на национално и

регионално ниво го дава надлежна организациона единица во БЈБ, а го одобрува Директорот на БЈБ што е утврдено во членот 80 од ова упатство. Согласно пак чл.81 ОА се воспоставува со предлог за воспоставување на ОА. Со Оперативната акција раководи Оперативен штаб утврден со предлогот за воспоставување Оперативна акција. Во чл. 83 од Упатството е наведено дека согласно предлогот за воспоставување на ОА, Оперативниот штаб изготвува план за мерки и активности со утврдени конкретни мерки и активности, рокови и надлежни организациони единици во БЈБ и државни институции вклучени за постапување по истите.

Со Упатството за давање на задачи и координација од Октомври 2013 година на МВР на РМ се уредува националниот разузнавачки модел на полицијата. Национален разузнавачки модел е основен модел на делување во кој преку собирање и управување со информации се овозможува донесување на одлуки за водење на полициското работење на начин со кој активностите на полицијата против криминалот, нарушувањето на безбедноста и јавниот ред и мир ќе бидат насочени, адекватни, правовремени превземени и со соодветните мерки и активности. Согласно чл. 3 од ова упатство, националниот разузнавачки модел е составен од три компоненти: раководење и насочување; криминалистичко-разузнавачки продукти и планирани оперативни активности. Раководењето и насочувањето во националниот разузнавачки модел е стратешко и тактичко, а се остварува преку процес на давање на задачи и координација како метод со кој одлуките за националните и регионалните приоритети во работењето влијаат на дневното насочување на работење на полицијата на регионално и локално ниво. Националниот разузнавачки модел се базира на четири разузнавачки продукти и тоа: Стратешка проценка; Тактичка проценка; Профил на субјект и Профил на проблем. Согласно националниот разузнавачки модел приоритетите одредени во контролната стратегија се реализираат преку планирани оперативни активности кои ги превзема полицијата врз основа на одлуките и препораките на Тактичката група за давање на задачи и координација. За секоја препорака за планирана оперативна активност дадена од Тактичката група за давање на задачи и координација се донесува одлука, се доделува број, се изработува писмен документ со името на полицискиот службеник кој е назначен за решавање на конкретниот проблем или прашање.

Видно од Правилникот за начинот на вршење на полициските работи на 79 страни, со истиот се пропишува начинот на вршење на полициските работи од страна на полициските службеници. Во чл. 2 од овој правилник е јасно наведено дека полициските службеници во вршењето на полициските работи остваруваат меѓусебна соработка и координација на активностите кои ги преземаат со овластените службени лица при нивното заедничко дејствување, укажуваат меѓусебна стручна и друга помош и постапуваат на начин со кој се обезбедува навремено, успешно и целосно извршување на полициските работи. При нарушување на јавниот ред и

мир полициските службеници превземаат мерки за насочување на движењето на присутните граѓани и нивно спречување да пристапуваат кон определени простори или објекти, нивно оддалечување од местото на собирот; фаќање на учесниците во нарушување на јавниот ред и мир, како и на сторителите на казнивите дела. Во овој правилник има и посебна глава за обезбедување на определени личности и објекти, а притоа во чл. 198 е наведено дека обезбедување на личности и објекти претставува превземање на потребни мерки и активности од страна на полициските службеници заради заштита на определени личности и објекти, како и за одржување на јавниот ред и мир и за извршување на други со закон определени обврски на подрачјето на кое се врши обезбедувањето. Согласно чл. 200 од овој правилник полицискиот службеник кој врши редовно обезбедување не може да се оддалечи од личноста, односно објектот што го обезбедува, освен во случаите кога: треба да спречи извршување на казниво дело или да фати сторител на такво дело во непосредна близина или треба да го извести одговорниот полициски службеник за настан кој посериозно ќе го загрози јавниот ред и мир, подрачјето или објектот што се обезбедува, како и за постоење на опасност од природни непогоди и други несреќи. Во наведените случаи полицискиот службеник може да се оддалечи од личноста, односно објектот што се обезбедува, само ако со тоа истиот не остане небезбеден.

Со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи на 27 страни, меѓу останатото се менува и чл. 76 па истиот сега гласи: „Во случаите на постапување согласно чл. 66 ст. 1 од овој правилник, полицискиот службеник одржува телефонски, односно радио врски со дежурниот полициски службеник во организационата единица каде ги извршува работните задачи, како и со полициските службеници од соседните терени“.

Во 2014 година е донесен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи на 68 страни, а во 2017 година е донесе Правилник за изменување на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи на 1 страна со кој што се изменуваат само неколку членови при што во чл. 116 во ст. 2 зборовите „началникот на Централните полициски служби“ се заменуваат со зборовите: „Раководителот на непосредно повисоката надлежна организациска единица во БЈБ“. Во чл. 120 пак ставот 1 се менува и гласи: „Одредени вештачења се вршат во соодветни лаборатории во надлежната организациона единица за криминалистичко-технички испитувања и вештачења во Бирото за јавна безбедност“. Во членот 205 во ставот 3 зборовите: „Централните полициски служби“ се заменуваат со зборовите: „надлежната организациска единица во БЈБ“, додека во целиот текст на Правилникот зборовите: „организациони“, односно „организационите“ се заменуваат со зборовите „организациски“ односно „организациските“.

Во 2017 година се носи уште еден правилник, а станува збор за Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи на 4 страни со кој што нема некои значителни измени, се менува само членот 58, а поточно во овој член став 3 по алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи: „Индиции дека кривичното дело е сторено од омраза", а воедно се врши измена на образецот 22.

На ден 09.06.2017 година од страна на МВР до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставен е акт СД.бр.08-582/1 од 09.06.2017 година, видно од кој се известуваат дека со Решение на министерот за внатрешни работи, во рамките на МВР била формирана работна група со задача целосно да ја утврди фактичката состојба на настанот од 27.04.2017 година што се случи во Собранието на РМ. Постапувајќи по наведеното решение, работната група ги завршила активностите во врска со извршување на конкретната задача утврдена во Решението, по што бил изготвен финален извештај. Со овој допис всушност МВР го доставува Извештајот на работната група за утврдување на фактичка состојба на настанот на 27.04.2017 година во Собрание на РМ, СД бр.08-564 од 31.05.2017 година. Видно од овој извештај работната група била формирана од МВР со Решение бр. 13.1.2-29417/1 од 03.05.2017 година во состав М. М. претседател, како членови биле назначени В. Д., Б. И., Г. Т., М. М., В. Н., Б. Р., В. И., Д. А. и Ѓ. Д., а записничари биле Б. Ш. и Л. Р.. Согласно овој извештај заради одржување на поволна безбедносна состојба, одржување на јавен ред и мир, заштита на животот и имотот на граѓаните, зачувување на безбедноста и нормалното функционирање на државните институции на Р.М., како и детектирање, следење и расветлување на состојбите и појавите во врска со случените нарушувања на јавниот ред и мир во С. со извршен напад на новинари и оштетувања на штабови на политички партии согласно проценката на ризик за можни нарушувања на јавниот ред и мир во поголем обем со насилни средства кои може да произлезат од јавните собири организирани од граѓанските здруженија под мотото „За заедничка М." кој започна од 24.02.2017 година со тенденција за понатамошно продолжување и присуство на поголем број граѓани била воспоставена ОА „Платформа". Со цел организирано постапување на полицијата и преземање на плански мерки и активности, согласно Упатството за давање на задачи и координација во БЈБ, групата за давање задачи и координација во БЈБ го одржала првиот состанок и од страна на Директорот на БЈБ биле дадени насоки за воспоставување на Оперативната акција и формирање на Оперативен штаб на МВР, преку кој ќе се координираат сите мерки и активности во врска со акцијата. Воедно дадени се и конкретни насоки кои треба да бидат преземени во рамките на акцијата, а како предлагач на Оперативната акција е Одделот за униформирана полиција во БЈБ. Согласно чл. 80 ст. 2 од Упатството за криминалистички истражувања и справување со криминални групи, предлогот за воспоставување на оперативна акција на национално и регионално ниво го дава надлежната организациска единица во БЈБ, а го

одобрува Директорот на БЈБ. Со Предлог бр. 22.2-69/02/2017 година од 02.03.2017 година, била воспоставена акција со псевдоним „Платформа“, согласно чл. 81 од Упатството за криминалистички истражувања и справување со криминални групи. Со Предлогот се определени организациските единици кои треба да постапуваат по оперативната акција и тоа: Оддел за униформа полиција, Оддел за криминалистичка полиција, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа, Централни полициски служби и сите Сектори за внатрешни работи. Во оперативната акција согласно своите надлежности партиципираат и организациските единици надвор од БЈБ и тоа: Управата за безбедност и контраразунавање, Оделот за односи со јавност и стратешки прашања и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Заради организирање, раководење и координирање на мерките и активностите во врска со Оперативната акција со предлогот е формиран Оперативен штаб во следниот состав: Б. Д., Заменик директор на БЈБ – раководител; Ј. Л., Помошник министер во ООЈСР, член; А. С. – Помошник министер во ОВККИПС, член; А. А. Заменик директор во УБК, член; С. С. Помошник директор во ОУП, член; В. В., Заменик началник на ЦПС, член; А. С. Помошник началник во ЦПС, член; Т. С. Помошник директор во ЕСПСКК, член; М.Н. Помошник директор во ОКП, член; А.Т. Помошник директор во ОКРА, член, Д.Л. Началник на Сектор во ОУП, член и Д. П. Началник на Сектор во ОУП, член. Актот за воспоставување на Оперативната акција бил даден на предлог на Началникот на ЦПС Г. Ѓ. и Помошник директор во ОУП С. С., согласност била дадена од Директорот на БЈБ Митко Чавков, а одобрил Министер за внатрешни работи А. Н.. Согласно Стандардната оперативна процедура за проценка и управување со ризик за воспоставување на Оперативна акција, по барање на Директор на БЈБ од страна на ОКРА бил изготвен план за проценка и управување со ризик бр. 22.4-733 од 02.03.2017 година, заради правилно утврдување на ризиците по граѓаните, полицијата, заедницата, државните институции, правниот поредок во врска со ОА „Платформа“. Со предлогот за воспоставување на Оперативната акција бил изготвен и План за мерки и активности бр. 22.2-70 од 02.03.2017 година. Притоа е наведено дека со овој план се утврдени надлежните организациски единици кои ќе учествуваат во спроведувањето, составот на оперативниот тим, како и предлог на мерки и активности кои што треба да се спроведат, команда и координација со која е воспоставена златна, сребрена и бронзена команда согласно Упатството за воспоставување на организациски процедури за утврдување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи. Во овој извештај наведено е дека со Планот за мерки и активости бил воспоставен и Оперативен тим надлежен за спроведување на насоките од штабот, со кој раководел претставник на ОУП – СПРОН во состав Т. А. началник на Единица, Г. Н. началник на Единица, Д.К. началник на Единица, С. С. началник на Единица, А. Н. виш полициски советник, Т. Н. виш полициски

советник, З. П. началник на Сектор, Б. Д. началник на Единица, И. Н. началник на Единица, А.К. помошник началник, С.М. помошник началник, М.В. началник на Сектор во УБК, З. Ѓ. началник на Одделение во УБК, Г. М. помошник началник, В. М. началник на Сектор, З. Н. началник на Единица, Б. Ш. главен аналитичар, П. Д. самостоен аналитичар, Л. Р. главен аналитичар и З. Ц. самостоен аналитичар. Видно од овој извештај за отворената Оперативна акција „Платформа“ и за навремено спроведување на мерките и обврските кои треба да се спроведат согласно планот, Одделот за униформирана полиција изготвил Телеграма бр. И 22.2-23 од 03.03.2017 година која е потпишана од министерот за внатрешни работи и е доставена до ЦПС, ОУП, ОКРА, ОКП, Началниците на сите Сектори за внатрешни работи и СИКС. Согласно Телеграмата се дадени задолженија, сите СВР и ОСПО да изготват планови за мерки и активности врз основа на дадените насоки од Планот за мерки и активности на БЈБ. Од страна на минстерот за внатрешни работи по анализа на претходно изготвените документи била донесена одлука за дополнување на член во Оперативниот штаб како и промена на одговорен полициски службеник во Планот за мерки и активности во врска со ОА „Платформа“. Воедно била донесена Тактичка Одлука бр. И 22.2-72 од 03.03.2017 година и врз основа на истата бил изготвен Анекс на Предлог за воспоставување на Оперативна акција бр. И 22.2-69/1 од 03.03.2017 година, со што Оперативниот штаб бил дополнет со Г. Ѓ. како член кој што бил началник на ЦПС, а одговорниот полициски службеник во Планот за мерки и активности В. В. бил заменет со Г. Ѓ.. Во врска со ова бил изготвен нов Анекс План на основниот план број 22.2-70/1 од 03.03.2017 година. Во овој извештај наведено е дека на ден 04.03.2017 година бил одржан состанок на Министерот за внатрешни работи со директорите на БЈБ и УБК, помошниците директори на БЈБ и УБК и членови на ОШ на ОА „Платформа“ со дневен ред разгледување на планираните мерки и координација на постапување на различните органиациони единици во МВР во врска со ОА „Платформа“ и донесување на заклучоци и насоки по ОА „Платформа“ и тоа: целокупните капацитети на МВР да се стават во функција со цел да се гарантира безбедноста на граѓаните и државните институции; централните полициски служби заедно со Одделот за обезбедување на личности и објекти и СВР С. да изготват конкретни планови со одговорни за обезбедување на јавни собири при евентуално нарушен ЈРМ од поголем обем, обид за насилно влегување во државните институции (Собрание и Влада) и План за мерки со кои ќе се гарантира безбедноста на пратениците во Собранието; да се направат напори материјално-техничките средства и опрема да се стават во функција со цел да се одговори на потребите за обезбедување на безбедноста; Оперативниот штаб да ја следи безбедносната состојба и благовремено да предложи да се активира ОСПО – ЕОП и стави на располагање на подрачјето на С.; Оперативниот штаб да ја следи безбедносната состојба и благовремено да предложи во колку се укаже потреба да се комплетира ЕБР, односно прекине обуката за скијање; да се прибираат оперативни

сознанија за евентуално нарушување на ЈРМ и блговремено доставуваат до Оперативниот штаб со цел преземање на понатамошни мерки; да се укаже по пат на телеграма на сите припадници на МВР од должноста и обврската за професионален пристап кон извршувањето на службените задачи и почитување на хиерархиската поставеност; Одделот за униформирана полиција заклучно до 05.03.2017 година да направи проценка кој е бројот на полициски службеници од другите Сектори кои би можеле да бидат ставени на располагање на подрачјето на С., притоа да не се наруши редовното работење на останатите Сектори за внатрешни работи; Одделот за криминалистичка полиција да изготви оперативни планови за оперативно покривање на криминални групи кои би ги искористиле протестите за предизвикување на насилства на протестите; при одржување на протест во С. на кој би учествувале граѓани и од останатите градови, полиција и криминалистичка полиција да упатат полициски службеници со цел оперативно покривање на нарушители на ЈРМ и други крминални структури; СЕЈВ-СИТИ (безбеден град) од 5-та Управа целосно да се стави на располагање на БЈБ особено на СВР С. со цел идентификација на нарушители на ЈРМ и друг вид насилства како и првентивно делување и Одделот за односи со јавноста во континуитет да објавува соопштенија за безбедносната состојба со цел да не се предизвика паника и ширење на дезинформации за моменталната безбедносна состојба. Врз основа на одржаниот состанок на 06.03.2017 година и дадени насоки од директорот на БЈБ со Тактичка одлука бр. И 22.2-81 од 08.03.2017 година биле разгледани извршените задачи од заклучоците на Колегиумот на МВР содржани во Записник бр. 22.4-760 од 04.03.2017 година, како и потребата од дополнување и промена на членови во ОШ и ОТ во врска со ОА „Платформа“ при што биле донесени следните одлуки: одлука за дополнување и промена на членови во ОШ, дополнување и промена на членови во ОТ, како и за промена на носителот на златната команда, определување негови заменици, дополнување на носителите на сребрената команда и промена на раководителот на ОШ со определување негови заменици. Меѓу останато од овој извештај видно е дека обвинетиот Митко Чавков кој бил директор на БЈБ бил златна команда, а заменици на златна команда биле Б.Д., заменик директор на БЈБ и Г. С., државен советник во БЈБ, додека како дополнување на носителите на сребрената команда биле определени Г. Ѓ. началник, С. С.а помошник директор, М. Н. помошник директор и А. Т. помошник директор. За раководењето на Оперативниот штаб бил определен директорот на БЈБ Митко Чавков. Врз основа на донесената Тактичка одлука бил изготвен Анекс Предлог за воспоставување на ОА „Платформа“ бр. И 22.2-82 од 08.03.2017 година со кој биле извршени соодветните измени наведени во одлуката, а за таа цел бил изготвен и Анекс на план за мерки и активности бр. И 22.0-83 од 08.03.2017 година. Видно од овој извештај на ден 10.03.2017 година бил одржан работен состанок на министерот за внатрешни работи со дневен ред разгледување на дотогашното функционирање на штабот, пресек на извршените задачи произлезени од

заклучоците донесени од работниот состанок одржан кај министерот за внатрешни работи од 04.03.2017 година и биле донесени нови заклучоци од министерот за внатрешни работи.

За спроведување на мерките и активностите по ОА „Платформа“ за подрачјето на Град С. од страна на СВР С. била изготвена и доставена инструктивна телеграма бр. 28-141 од 03.03.2017 година до сите организациски единици во СВР С.. Согласно отворената Оперативна акција СВР С. изготвил: План за мерки и активности за физичко сообраќајно и оперативно обезбедување на ненајавени јавни собири на Граѓанска инцијатива „За заедничка М.“ организирани преку социјалните мрежи кои се одржуваат секојдневно пред објектите на Влада и Собрание на РМ број 28-61/1 од 06.03.2017 година; План за мерки и активности за физичко сообраќајно и оперативно обезбедување на ненајавени јавни собири на Граѓанска инцијатива „За заедничка М.“ организирани преку социјалните мрежи кои се одржуваат секојдневно пред објектите на Влада и Собрание на РМ како и контра протест од група граѓани број 28-75/1 од 10.03.2017 година; План за мерки и активности за физичко сообраќајно и оперативно обезбедување на училишта, автобуски постојки, автобуси и други места каде се регистрирани кривични дела и прекршоци со елементи на насилство од Д.бр.28-95/1 од 15.03.2017 година, како и Анекс план за мерки и активности во врска со ОА „Платформа“ Д.бр.28-156 од 26.04.2017 година, а се однесува за превземање мерки и активности за 27.04.2017 година. Видно од овој извештај Одделот за заштита на определени личности и објекти во декември 2016 година по претходна иницијатива од МНР на Р.М. за подигање на безбедноста на дипломатските мисии со цел заштита на дипломатскиот персонал, како и зголемена заштита на амбасадите и резиденциите во Р.М., а врз основа на Телеграма од Директорот на БЈБ број 22-82017 од 23.12.2016 година бил изготвен план за зајакнати мерки за безбедност на личностите кои се обезбедуваат, ДКП, дипломатски мисии во РМ, резиденцијални објекти и објекти од државен интерес СД бр.23.2.1-03/51 од 27.12.2016 година. На ден 06.02.2017 година, согласно основниот план бил изготвен и Анекс план за реализација СД бр.23.2.1/1-8. Во врска со ОА „Платформа“ и соодветните акти донесени од надлежните организациски единици одржани од координативен состанок на 05.03.2017 година со претставници од ОУП, СВР С. и ОСПО, како и одржаниот координативен состанок на 07.03.2017 година со помошникот началник на ЦПС Сашо Митевски, од страна на ОЗОЛО бил донесен План за превземање на вонредни мерки и активности за обезбедување на Собранието при јавните собири и евентуално нарушување на ЈРМ во поголем обем, обид за насилно влегување и мерки со кои ќе се гарантира безбедноста на личностите, пратениците и други лица кои по разни основи престојуваат во Собранието Ев.бр.23.2.1-01/11-1 од 09.03.2017 година. На 13.03.2017 година ОЗОЛО изготвил План за вонредно внатарешно и надворешно физичко обезбедување на објектот „Собрание на Р.М.“ со бр.23.2.5.1/1-42. Неспорно произлегува врз основа на чл.201 од Правилникот за начинот на

вршење на полициски работи Сл.весник бр.149/07 од страна на ОСПО бил изготвен План за ангажирање на едниците од ОСПО за обезбедување на објектот на Собранието СД.бр.23.4-30/1 од 16.03.2017 година. Работната група утврдила дека организациските единици во рамките на ОСПО (ЕСЗ и ЕОП-ПЕП) немале посебни планови за постапување, додека ЕБР изготвил План за преземање оперативно-тактички мерки СД.бр.23.4.2-9/47 од 25.04.2017 година, но планот на ЕБР не бил одобрен од страна на Началникот на ОСПО. Оперативната акција „Платформа" била воспоставена со Тактичка одлука донесена од групата за давање на задачи и координација во согласност со чл.36 ст.2 од Упатството за давање на задачи и координација бр.22.5-2478/1 од 16.10.2013 година. Притоа, оваа работна група констатирала дека при повикувањето бил користен несоодветен правен основ, односно членот врз основа на кој била донесена тактичката одлука не се однесува на носење на одлуки на стратешко туку на тактичко ниво. Притоа во овој случај станува збор за функционирање на стратешка група која во согласност со чл.8 од Упатството дава задачи и координација на ниво на БЈБ, ЦПС, Оддел за сузбивање на организиран криминал, СВР и РЦ, а со стратешката група раководи Директорот на БЈ, освен ако тој не определи друго лице.

Согласно регулативата, линијата на командување претставена преку златна, сребрена и бронзена команда, претставува една командна структура и презема активности, кога ќе настапат околностите за преземање на оперативно тактички мерки и активности и вршење на полициски работи. Оперативниот штаб како тело треба да организира, раководи и координира со мерките и активностите на Оперативната акција. Во овој извештај е наведено дека согласно планот изготвен од страна на ОУП од 02.03.2017 година, во делот на сребрена команда јасно се предвидени началниците на сите СВР, односно за подрачјето на град С. за сребрен командир е определен Началникот на СВР С.. Во Анекс планот за мерки и активности кој се однесува за 27.04.2017 година во делот на „команда и контрола" за златна команда е определен Началникт на СВР С. што е спротивно на планот од 02.03.2017 година од ОУП и чл.5 од Упатството за воспоставување организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи.

Работната група наведува дека согласно чл.20, 21 и 22 од Упатаството за воспоставување на организациски процедури за управување на команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи се доставува барање за ангажирање на посебните и специјалани единици до ЦПС –ОСПО. Биле констатирани неправилности од формално-правен аспект во однос на барањето за ангажирање на дополнителни сили до ОСПО, а имено барањето од СВР С. бр.28-4028/1 од 26.04.2017 година било доставено преку Директор на БЈБ до Началникот на ЦПС-ОСПО, а истото е потпишано од страна на Началникот на СВР С., но истото не е одобрено од Началникот на ЦПС,

ниту од Директорот на БЈБ или Минситерот за внатрешни работи како што е предвидено во чл.20 од наведеното Упатство. Во пракса на доставените барања за ангажирање на дополнителни сили до ОСПО се одговарало усмено од страна на Началникот на ОСПО, како и во конкретниот случај проценката ја направил Началникот на ОСПО и за што бил известен командантот на ЕБР и барателот СВР С.. Барањето во пракса најчесто не се поднесувало согласно потребите на барателот, туку согласно претходно договорените можности на ОСПО. Таквата пракса била констатирана и со Планот за преземање оперативно тактички мерки СД бр.23.4.2-9/47 од 25.04.2017 година од ЕБР-ОСПО. Работната група констатирала дека недостасува единствена команда во донесувањето на одлуките, издавањето на команди и координирано постапување на организациските единици кои биле задолжени да постапуваат по ОА „Платформа" како во поглед на информираност на раководителите со Анекс плановите од СВР С. со одговорните на единиците кои учествувале во реализацијата на истите, а недостасуваат јасни команди од Оперативниот штаб во МВР и Помошниот штаб на СВР С. со одговорните на терен. Ваквата состојба се одразила на целокупниот процес во делот на организацијата на работата на ОШ и ОТ, планирањето на мерките и ресурсите, опремата, управувањето, раководењето и командувањето, меѓусебната комуникација и координација, како и начинот на известување и содејство, а посебно во проценката на состојбата на терен од страна на Помошниот штаб во процесот на носење на одлуки и соодветни наредби. Во начинот на однесување во извршување на работните задачи било констатирано непочитување на комуникацијата и хиерархијата во однос на старешини од понизок ранг со раководители на висока позиција. Помошникот командант на ЕБР комуницира и директно му се даваат задачи од страна на Директорот на БЈБ, а за таа комуникација не биле информирани Помошниот штаб во СВР и Штабот во МВР, со што се нарушува хиерархијата на постапување и принципот на единствена команда.

На 27.04.2017 година Оперативниот штаб на МВР по ОА „Платформа" започнал со работа во 16:30 часот во состав на еден член на Оперативниот штаб, Началник на Сектор во Оддел за униформирана полиција Душко Лазаров и 5 члена на оперативниот тим и тоа Началник на Сектор во Одделот за заштита на определени личности и објекти С. Т., Началник на Сектор во Оддел за криминалистичка полиција С. Т., Главен инстектор во Сектор за полициски работи од општа надлежност-Оддел за униформирана полиција Ѓ. С., Главен инспектор во Сектор за сообраќајни работи-Оддел за униформирана полиција Т. Г. и главен аналитичар-записничар во Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа Билјана Шуперлиска. Истовремено во СВР С. функционирал Помошен штаб во состав од пет члена од кои четворица од Сектор за внатрешни работи и тоа Помошник началник за општа безбедност во СВР С. К. Б., Помошник директор во Оддел на Управата за безбедност и контаразузнавање С., С. Н. кои што биле присутни од моментот на отпочнување со работа на

Штабот, а останатите членови и тоа Помошникот началник за криминалистички работи во СВР С., А. З., Началникот на СВР С., И. В. и Помошникот началник за општи работи во СВР С., Џ. А. пристигнале откако биле повикани во периодот од 18:30 до 19:00 часот. Во 17:00 часот отпочнал ненајавениот јавен собир пред Владата во организиацијa на здруженијата на граѓани под мотото „За заедничка М." со присуство на околу 1.500 граѓани со две градежни машини и две товарни возила, а кога пристигнале пред објектот на Собранието околу 18:00 часот нвниот број изнесувал околу 3.000 граѓани. За обезбедување на Собранието СВР С. изготвило План за мерки и активности со цел спречување на насилен упад во смисла кога се одржува јавен собир да се ангажираат четири вода ЕБР и 150 припадници на Единица за обука и подршка ЕОП – ПЕП и сили од СВР С., а кога има седница и се одржува јавен собир било предвидено да се ангажираат 8 вода ЕБР и 300 припадници на ЕОП-ПЕП и сили од СВР С.. Одговорен за целокупното обезбедување на јавниот собир бил Помошник началникот од Единицата за јавен ред и мир при СВР С. З. С., а за обезбедување на Собранието согласно Анексот на Планот на мерки и активности за 27.04.2017 година било предвидено да се ангажираат вкупно 87 полициски службеници од кои 35 од СВР С. и 2 вода или 52 припадници од ЕБР, меѓутоа од предвидениот број на ангажираните припадници од ЕБР по наредба на Началникот на Одделот за специјални полициски операции Митко Пешов 10 припадници биле пренасочени за обезбедување на спортски натпревар во спортскиот центар „Јане Сандански" така да за обезбедување на објектот на Собранието останале вкупно 77 полициски службеници. Околу 18:45 часот пред Собранието пристигнале полициските службеници кои и претходно биле пренасочени за обезбедување на спортскиот натпревар како и 5 полициски службеници ангажирани за фудбалскиот натпревар во Ѓ. П. со што пред Собранието имало вкупно 92 полициски службеници. Воедно работната група утврдила дека во планот за 27.04.2017 година Единицата Алфа не била предвидена како организациска единица во делот на обезбедување на Собранието, но во планот од 10.03.2017 година било предвидено ангажирање од 9 тима со задача да го покриваат поширокиот безбедносен периметар околу местото каде што ќе се протестира. Истите требале да бидат поставени на локации облечени и опремени како за редовна работа и со опрема за справување со нарушен јавен ред и мир, а одговорните да го следат движењето на учесниците и да спречат евентуално нарушување на јавен ред и мир и извршување на кривични дела. Воедно иако плановите на СВР С. во „делот на безбедносни проценки" предвидуваа високо ризични ситуации на денот на одржувањето на конститутивната седница и други седници во Собранието како „најопасен тек на активности со проценка и рангирање на ризикот" истите немаа изготвен сопствен план за проценка и управување на ризик согласно предвидената регулатива. Видно од овој извештај работната група истакнува дека со оглед на фактот дека УБК била вклучена во активностите на ОА „Платформа" и партиципирала со свои членови врз основа на заклучок донесен на

состанок одржан кај Министерот за внатрешни работи на ден 10.03.2017 година била задолжена да изготви безбедносна проценка од делокругот на своите надлежности за добиени сознанија и проценка за т.н.„критични моменти“ кои се поврзани со одржување на собраниска седница и да се достави до Оперативниот штаб и ОКРА во БЈБ, истата не била доставена до Оперативниот штаб. До Оперативниот штаб не биле доставени оперативно-разузнавачки сознанија за евентуални нарушувања на јавниот ред и мир за време на ненајавениот јавен собир, ниту за други безбедносни појави кои би можеле да влијаат врз јавните собири, што било карактеристично за целиот период на одржување на јавните собири. Откако по завршување на пленарната седница во 18:00 часот пратениците останале во салата за седници ситуацијата била тензична, а мнозинството пратеници пристапиле кон избор на Претседател на Собранието. За тензичноста во Собранието, Министерот за внатрешни работи го запознал Началникот на СВР С., по што истиот го известил Директорот на БЈБ. Со оглед да масата граѓани која била пред Собранието започнале да ја тресат заштитната ограда пред објектот, ја прескокнале заштитната ограда, го пробиле првиот кордон и се упатиле кон сите влезови на Собранието, за оваа состојба во 18:25 часот Началникот на СВР С. го информирал Директорот на БЈБ. Полициските службеници за внатрешно обезбедување ги затвориле сите врати во Собранието и ги поставиле заштитните греди, а во 18:10 часот Началникот на внатрешно обезбедување на Собранието А.Ј. го известил членот на Оперативниот тим во Оперативниот штаб на МВР, С. Т. за состојбата во Собранието и побарал дополнително ангажирање на полициски службеници. Полициските службеници задолжени за надворешното обезбедување биле прегрупирани и поставени на влезовите, а одговорниот на обезбедувањето Стамчевски го известил Помошниот штаб на СВР С. за новонастанатата состојба и побарал дополнители полициски сили, а помош побарал и од Помошникот командант на ЕПОИ Алфа, С.М.кој бил во негова непосредна близина. Од страна на Помошниот штаб бил известен и Началникот на ОСПО Митко Пешов и биле побарани дополнителни сили од ОСПО, но истиот информирал дека нема дополнителни сили. Воедно од страна на Помошниот штаб на СВР С., С. бил известен дека нема на располагање дополнителни сили, а силите на ЕПОИ Алфа кои биле пред Собранието заедно со М. биле „наводно“ ангажирани за други активности, за што работната група не добила соодветно образложение за нивниот ангажман. Истовремено преку Единицата за информации и команда ЕИК при СВР С.биле повикани сите раководни полициски службеници да се стават на располагање на СВР С.. Од страна на раководните полициски службеници од СВР С. (помошен Оперативен штаб на СВР С.) и Оперативниот штаб на МВР не биле активирани мерките и активностите предвидени со планот од 10.03.2017 година, каде биле разработени неколку сценарија за постапување и покрај информациите за зголемена тензичност и избор на Претседател на Собранието. Началникот Ј. преку членот на ОЗОЛО во Оперативниот

штаб на МВР С. Т., во неколку наврати барал одобрување за евакуација на пратениците во просториите предвидени согласно Планот за превземање на вонредни мерки и активности за обезбедување на Собранието на Р.М. при јавните собири и евентуално нарушување на ЈРМ во поголем обем, обид за насилно влегување и мерки со кои ќе се гарантира безбедноста на личностите, пратениците и други лица кои по разни основи престојуваат во Собранието Ев.бр.23.2.1-01/11-1 од 09.03.2017 година, откако направил проценка дека постојат реални закани за безбедноста на пратениците, вработените и останатите присутни во објектот, но од Оперативниот штаб на МВР не добил одобрување за евакуација. Работната група нагласува дека според плановите на ОСПО биле предвидени два оперативни отсеци од Единица за специјални задачи ЕСЗ на влезовите на Собранието и еден оперативен отсек да биде поставен во објектот на Собранието, со задача за евакуација на пратениците и персоналот од Собранието. Одговорниот на обезбедувањето на СВР С. С., според направена проценка на состојбата му издал наредба на командирот на чета од ЕБР Г. З., да се прегрупираат силите од ЕБР зад полициските сили на СВР С.. По навлегувањето на масата граѓани во безбедносниот периметар преку заштитните огради и пробивање на првиот кордон на силите на СВР С., одговорниот повторно издал наредба полициските службеници од СВР С. и ЕБР да се распоредат на вратите од влезовите на Собранието. Околу 18:40 часот припадниците на ЕБР се поставени на влезовите на Собранието без наредба за употреба на средства за присилба. Во меѓувреме пред објектот пристигнал Помошникот командант на ЕБР В. Н. и ја презел командата со силите на ЕБР. Проценката на одговорниот на обезбедувањето била направена врз основа на расположливите сили и заканите од страна на агресивните граѓани како и негативниот ефект од употреба на средства на присилба. Додека масата граѓани протестирала пред главниот влез на Собранието и се обидувала да влезе во објектот, во внатрешноста на објектот во непосредна близина на главниот влез биле Началникот на Сектор за превентивно обезбедување во ОЗОЛО Оливер Поповски, Началникот на Одделение за обезбедување на Претседател на Собрание, Горан Ѓошевски и полициските службеници од внатрешното обезбедување кои биле редовно работно ангажирани, но имало и пратеници па кога пратениците Крсто Мукоски и Сашо Василевски ги тргнале безбедносните греди од вратите на главниот влез В. С., Виш оперативен работник во Одделението за внатрешно обезбедување се обидел да ги спречи пратениците да не ги тргаат безбедносните греди од вратите, но не успеал во намерата па вратите биле отворени, а масата граѓани влегла во објектот кое нешто се случило околу 18:55 часот. До моментот на влегување на масата во Собрание членот на Оперативниот штаб Началникот Лазаров контактирал со Директорот на БЈБ Митко Чавков, со Помошникот директор на ОУП С. С. и со Помошниот штаб во СВР-К. Б.. За насилното влегување на масата граѓани од страна на одговорниот на обезбедувањето биле информирани Оперативниот штаб

во МВР, Помошниот штаб во СВР С., ЕИК, а во 19:00 часот од страна на Помошник командант на ЕБР В. Н. биле информирани Раководителот на Оперативниот штаб-Директор на БЈБ Митко Чавков, Командантот на ЕБР М. П., Началникот на ОСПО Митко Пешов и Помошник началник на ЦПС С.М.. Околу 19:00 часот од Помошниот штаб на СВР С. била издадена наредба сите расположливи сили во СВР С. ( Алфа, Група за интервенција, мото-патролни служби и др.) да се упатат веднаш кон Собранието. Откако во Собранието влегла масата граѓани дел од нив се упатиле кон сала 3, каде полициските службеници од внатрешното обезбедување и обезбедувањето на поранешниот Министер за внатрешни работи биле поставени пред вратите од салата. Ѓраѓаните биле агресивни и помеѓу нив имало лица со фантмки, истите се обидувале да влезат во салата. Во интервенција за спречување на влез во салата бил повреден началникот Ј.. Околу 19:30 часот, по пробивањето на вратата од салата, масата граѓани влегла внатре и почнала да фрла најразлични предмети кон пратениците, новинарите и полициските службеници. Полициските службеници се обидувале да ја смират агресивната маса граѓани, но од нивна страна дел од вработените биле исфрлени надвор од салата. Началникот на Одделението за обезбедување на резиденцијални и други објекти од државен интерес Д. К. на скалите пред фоајето кон кабинетот на Претседателот на Собранието го забележал одговорниот на ЕБР Н. со група припадници на ЕБР и го прашал дали имаат насоки за дејствување, на што му било одговорено дека сеуште чекаат насока. Во 22:25 часот била издадена наредба за дејствување и примена на полициските овластувања согласно состојбите во Собранието. Во периодот 18:40 до 20:00 часот додека агресивната маса ги пробивала кордоните и влегува во Собранието и во сала 3, каде физички ги напаѓала пратениците, новинарите и полициските службеници, началникот на ОСПО Пешов ги повикал командантите на ЕБР, ЕСЗ и ПЕП и старешините на овие единци до командир на чета, да се упатат в базата на ЕБР во Ѓ. П., на состанок. Командантот на ЕБР П., во повеќе наврати барал одобрување за активирање на единицата, но истото не му било одобрено, се до околу 20:15 часот кога била издадена наредба да се повикаат сите припадници на ОСПО ( ЕБР, ЕСЗ и ЕОП-ПЕП). Пред активирање на единиците од ОСПО, дополнителни сили од овие единици биле испратени во Собранието и тоа: тим од 7 припадници на ЕСЗ, 6 приадници на ЕБР, како и 26 полициски службеници од ПЕП со двајца одговорни стрешини. Овие сили пристигнале околу 20:00 часот. Во 21:00 часот била издадена наредба од помошниот штаб на СВР С., началникот на единица за полициски станици од општа надлежност и резервен состав-ЕПСОНРС М. С. и помошник началник за криминалистички истраги А.З., кои претходно во 19:45 часот биле испратени во Собранието за скенирање на состојбата и преземање мерки, да го преземат раководењето и командувањето. Во 19:25 часот во Оперативниот штаб пристигнал Министерот за внатрешни работи А. Н. и побарал од одговорниот во штабот да издаде наредба за евакуација на

пратениците од Собранието. До пристигнувањето во Оперативниот штаб министерот, откако дознал за состојбите во Собраниетореку СМС пораки го контактирал Директорот на БЈБ, заради добивање конкретни информации за состојбата, на што добил одговор во СМС порака дека состојбата е под контрола и дека нема можности за ескалација. После оваа комуникација телефонски министерот го барал Директорот на БЈБ, но не воспоставил комуникација. Откако не воспоставил комуникација, а состојбата веќе ескалирала министерот дополнително испратил СМС порака на Директорот на БЈБ, со која го информира дека нема доволно полициски службеници и дека влезовите во Собранието се блокирани, но не добил повратен одговор. Од страна на Началникот Душко Лазаров, министерот во Оперативниот штаб бил информиран дека состојбата во салата каде се наоѓале пратениците од известувањето на внатрешното обезбедување дека е под контрола и дека се создале услови за потиснување на граѓаните пред влезот на салата, а по создавањето на безбедносни услови ќе отпочнат активност за евакуација на пратениците. Во 20:08 часот во Оперативниот штаб пристигнал Директорот на БЈБ Митко Чавков, кој издал наредба сецијалните единици да отпочнат со преземање мерки за евакуација на пратениците. Околу 20:20 часот помошникот началник на ЦПС, Сашо Митевски на негово барање и со одбрување од Директорот на БЈБ, ја презел командата и наредил веднаш да се повикаат сите припадници на ЕСЗ, ЕБР и ПЕП. Воедно раководел со сите сили ангажирани кај објектот на Собранието. Околу 20:27 часот пред Собранието откако пристигнале командантите на ЕСЗ, ЕБР и ПЕП влегле во Собраниет, со цел брза евакуација на пратениците, додека од 21:20 часот континуирано пристигнувале дополнителните сили од ОСПО. Воедно, работната група во овој извештај наведува дека од страна на Помошникот началник Митевски по претходно одобрување на раководителот на Оперативниот штаб, Директорот на БЈБ Чавков била дадена наредба по проценка да се употребат сите средства за присилба за воспоствување на нарушениот јавен ред и мир. Припадниците на ОСПО се организирале, формирале тимови и се упатиле кон главниот влез на Собранието, а со нив пристигнале и командантите на ЕСЗ, ЕБР и ЕОП-ПЕП. Во 20:35 часот откако бил обезбеден коридорот, започнала евакуацијата на пратениците и до 20:43 часот биле евакуирани 30 пратеници. Околу 20:40 часот по наредба на раководител во УБК во Собранието влегле двајца вработени од УБК за извршување на работни задачи и од припадниците на ОЗОЛО побарале да им биде отворена просторијата каде што се наоѓал мониторинг системот од безбедносните камери во Собранието, па откако влегле се задржале одреден временски период, при што постапиле спротивно на одредбите од чл.43 од Законот за Собрание. Директорот на БЈБ му издал наредба на помошникот Митевски да се упатат медицински лица внатре во Собранието и да се укаже медицинска помош на повредените како и наредба за 10 минути да се евакуираат преостанатите 15 пратеници. Извлекувањето на пратеникот З. С. започнало во 21,13 часот а во 22,30 часот била во тек евакуација на

другите пратеници и лица од Собранието. Во периодот 22,30 до 23,45 часот во базата Ѓ. П. биле евакуирани вкупно 80 пратеници, 14 новинари и четворица вработени од собраниската служба. При нарушениот јавен ред и мир со насилно влегување на масата на граѓани во Собранието, а како последица на насилните дејствија со физички напад на пратеници, со употреба на разни предмети од опрема и мебел, покрај големото оштетување на просториите на Собранието повредени се пратеници, новинари, полициски службеници, граѓани, а оштетена е и опрема на полициските службеници.

Од сето претходно наведено јасно произлегува дека работната група во состав кој што претходно беше наведен во цитираниот извештај дала навистина целосен осврт на настаните од 27.04.2017 година, а воедно дава осврт и на законска регулатива, потоа што се е превземено пред овие настани, формирањето на оперативната акција „Платформа“, раководење на Оперативниот штаб, какви планови се донесени и кои пропусти се направени од страна на полицијата. Воедно, истите во овој извештај ги наведуваат своите заклучоци, па притоа наведуваат дека стратешката група за давање задачи и координација при БЈБ донела правилна и навремена одлука за воспоставување на Оперативна акција „Платформа“, врз основа проценките на состојбите, со цел организирано постапување на полицијата и превземање на плански мерки и активности во насока на следење на ненајавените јавни собири; воспоставената Оперативна акција од формално-правен аспект е во согласност со одредбите од Упатствата и Стандардните оперативни процедури, кои ја регулираат оваа материја; Одделот за униформирана полиција во БЈБ е задолжена организациска единица за воспоставување на Оперативната акција и носител на активностите по истата; Оперативниот штаб на МВР немал јасно и прецизно дефинирани надлежности, а членовите на штабот и тимот немале утврдени конкрети задачи, што влијаело на процесот на планирањето и организацијата на работа, како и на донесувањето на одлуките; Оперативниот штаб во извршувањето на работните задачи постапувал согласно надлежностите на организациските единици кои што партиципирале во штабот; Оперативниот штаб не направил соодветна проценка на состојбата и координација со организациските единици вклучени во Оперативната акција „Платформа“; процесот на информирање и давање задачи во рамки на оперативниот штаб не е јасно дефиниран и недостасува јасна постапка за донесување одлуки во различни ситуации; Секторот за внатрешни работи С. нема изработено сопствена проценка на ризик согласно Упатството за планирање и управување со проценка на ризик; Управата за безбедност и контраразузнавање до Оперативниот штаб на МВР не доставила Проценка за безбедносната состојба во Р. М., обврска која произлегува од одржаниот состанок со министерот за внатрешни работи; недостатокот на оперативно-разунавачки информации и сознанија, влијаел на процесот на проценката на безбедносната проценка и донесувањето одлуки; Оперативниот штаб немал оперативно-разунавачки сознанија за

нарушување на јавниот ред и мир за време на ненајавениот јавен собир, ниту за други безбедносни појави кои би можеле да влијаат врз јавните собири, што било карактеристично за целиот период на одржување на јавните собири; Планот за мерки и активности на Секторот за внатрешни работи С. бр. 28-75/1 од 10.03.2017 година, во кој се предвидени можни сценарија и фази на постапување на 27.04.2017 година не е активиран; на 27.04.2017 година припадниците на Единица за прв одговор и интервенција Алфа не биле предвидени за обезбедување на јавниот собир; на 27.04.2017 година од страна на Секторот за внатрешни работи С. не е користен видео надзорот на „Безбеден град", која обврска произлегува од одржаниот состанок со министерот за внатрешни работи; насилното влегување на граѓаните во Собранието е резултат на отварањето на главниот влез од внатрешната страна, што довело до загрозување на безбедноста во Собранието; полициски службеник од внатрешното обезбедување во обид да ги обезбеди вратите, бил спречен во преземањето на дејствието од страна на пратениците; дел од полициските службеници од Одделот за заштита на определени личности и објекти кои биле присутни во Собранието при отварање на влезните врати, не презеле дејствија за спречување на истото; ризикот од внатрешно отварање на вратите на Собранието не бил предвиден во Проценките и Плановите; членовите на Оперативниот штаб и Оперативниот тим од Одделот за специјални полициски операции, не биле присутни во штабот, а навремено биле известени за текот на настаните и целокупната состојба во Собранието на Р. М.; Оперативниот штаб на МВР навремено бил известен дека во Собранието на Р. М., мнозинството пратеници пристапиле кон избор на претседател; одговорниот за обезбедување на јавниот собир, навремено известувал за состојбата пред Собранието на Р. М. и барал дополнителни полициски сили, по што Помошниот штаб на Секторот за внатрешни работи С. навреме го известил Оперативниот штаб на МВР; одговорниот за обезбедување на јавниот собир, издал наредба за распоредување на расположливите сили кон сите влезови на Собранието; одговорниот за обезбедување на јавниот собир, врз основа на проценката на состојбата не издал наредба за употреба на средства за присилба, имајќи во предвид дека постоечките полициски сили се недоволни за справување со големиот број на агресивни граѓани кои протестираат, како и фактот дека нема напад над полициски службеници, а влезовите на Собранието претходно биле обезбедени со заштитни греди; раководителот на внатрешното обезбедување навреме го известил Оперативниот штаб на МВР за состојбата пред и по насилниот влез на граѓаните во Собранието на Р. М.; одговорните за внатрешното и надворешното обезбедување навремено укажале на потребата од дополнителни сили, но од Оперативниот штаб на МВР и Помошниот штаб на Секторот за внатрешни работи С., биле информирани дека нема дополнителни сили; на 27.04.2017 година, Одделот за специјални полициски операции немал планирано полициски службеници во резерва (приправност);

раководителот на оперативниот штаб златниот командир, началникот на Централните полициски служби и началникот на Одделот за специјални полициски операции иако биле исполнети условите навремено не издале наредба за повикување на припадниците на Одделот за специјални полициски операции, началникот на Секторот за внатрешни работи сребрениот командир навремено го известил Раководителот на Оперативниот штаб златниот командир за состојбата и насилното влегување на граѓаните во Собранието; Златниот командир по 20,30 часот издал наредба на полициските сили на Одделот за специјални полициски операции за употреба на средства за присилба, со цел извлекување на пратениците од Прес салата во Собранието; во 20,30 часот била воспоставена единствена команда што резултирало со ефикасно и координирано постапување на полициските сили за обезбедување на поволна безбедносна состојба во и околу објектот на Собранието на Р. М.; Оперативниот штаб на МВР и покрај навременото барање за евакуација на пратениците од внатрешното обезбедување, до 20,30 часот не издал наредба за евакуација на пратениците, иако за тоа биле исполнети условите предвидени во плановите; од извршениот увид во просторијата за мониторинг на безбедносните камери на Собранието било утврдено дека недостасуваат два хард дискови со снимен видео материјал од безбедносните камери; системот за снимање на аудио записите од Тетра системот на МВР не функционирал во целост и министерот за внатрешни работи по дознавање за настанот во неколку наврати остварил непосредна телефонска и СМС комуникација со Раководителот на Оперативниот штаб и членовите на штабот, како и Раководителот на Помошниот штаб на Секторот за внатрешни работи ги известувал за состојбата и барал да се превземат сите неопходни мерки и активности.

Наведените заклучоци работната група ги утврдила од претходно утврдување на фактичката состојба со анализата. Во овие заклучоци меѓу останатото точно се наведени пропустите кои што се направени пред и за време на настаните од 27.04.2017 година.

Врз основа на чл. 36 ст. 2 од Упатството за давање задачи и координација бр. 22.5-2478/1 од 16.10.2013 година, групата за давање задачи и координација во Бирото за јавна безбедност донела Тактичка одлука И бр.22.2-68/02/2017 година од 02.03.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, Оддел за униформирана полиција. Видно од оваа Тактичка одлука членови на група за давање на задачи и координација биле раководител Митко Чавков, директор на БЈБ, како членови се С. С. помошник директор на ОУП, Г. Ѓ. началник на ЦПС, М. Н. помошник директор во ОКП и А.Т. помошник директор во ОКРА. Оваа Тактичка одлука е донесена на ден 01.03.2017 година при што на дневен ред било воспоставување на Оперативна акција и воспоставување на Оперативен штаб. Целта на воспоставување на Оперативната акција била синхронизирано и координирано превземање на мерки и активности за спречување на секој обид да се загрози безбедноста и сигурноста на граѓаните и институциите

на системот за што ќе биде потребна брза полициска акција и ангажирање на поголем број на полициски службеници и организациски единици при Министерството. Од страна на Директорот на БЈБ биле номинирани членовите на Оперативниот штаб и тоа: Б. Д. Заменик директор на БЈБ раководител, а членови биле Ј.Л. Помошник министер во ООЈСР, А. С. Помошник министер во ОВККИПС, А.А. Заменик директор во УБК, С. С. Помошник директор во ОУП, В. В. Заменик началник на ЦПС, А С. Помошник началник во ЦПС, Т. С. Помошник директор во ЕСПСКК, М. Н. Помошник директор во ОКП, А. Т. Помошник директор во ОКРА како и Д.Л. Началник на Сектор во ОУП и Д. П. Началник на Сектор во ОУП. Воедно со истата биле донесени и насоки и активности по дадените насоки во смисла да бидат изготвени предлог за воспоставување на Оперативна акција, план за мерки и активности БЈБ, план за проценка и управување со ризик, да се изготви телеграма до сите СВР со насоки за постапување по однос на имплементација на планот за мерки и активности на БЈБ, а сето ова со краен рок 02.03.2017 година.

Врз основа на чл. 81 од Упатството за начинот на справување со криминални групи и водење криминалистички истражувања од страна на Полицијата во БЈБ Инт. Бр. 23.5-81613/3 од ноември 2014 година бил изготвен Предлог за воспоставување на Оперативна акција И бр.22.2-69/02/2017 од 02.03.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, Оддел за униформирана полиција. Согласно овој Предлог за воспоставување на Оперативна акција заради одржување на поволна безбедносна состојба и поволен јавен ред и мир, заштита на животот и имотот на граѓаните, зачувување на безбедноста и нормалното функционирање на државните институции на РМ, како и детектирање, следење и расветлување на состојбите и појавите во врска со случените нарушувањата на јавниот ред и мир на јавниот собир во С. со извршениот напад на новинари и оштетувања на штабови на политички партии, а согласно проценката на ризик за можни нарушувања на јавниот ред и мир во поголем обем со насилни средства кои може да произлезе од јавните собири организирани од граѓанските иницијативи под мотото „За заедничка М.“ кои започнаа од 24.02.2017 година со тенденција за понатамошно продолжување и присуство на поголем број на граѓани на истите се предлага воспоставување на Оперативна акција под псевдонимот „Платформа“. Задолжени организациони единици кои треба да постапуваат по Оперативната акција биле Оддел за униформирана полиција, Оддел за криминалистичка полиција, Централни полициски служби, сите СВР и ОКРА. Во Оперативната акција согласно своите надлежности партиципирале и организациони единици надвор од БЈБ и тоа Управата за безбедност и контраразузнавање, Одделот за односи со јавност и стратешки прашања и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Притоа, со Предлогот е утврдено кој ќе биде раководител на Оперативната акција а кои ќе бидат членови, а тоа се всушност лицата кои што беа наведени во Тактичката одлука, а станува збор за Б.Д. Заменик директор на БЈБ раководител, а членови биле Ј. Л.

Помошник министер во ООЈСР, А. С. Помошник министер во ОВККИПС, А. А. Заменик директор во УБК, С. С. Помошник директор во ОУП, В. В. Заменик началник на ЦПС, А. С. Помошник началник во ЦПС, Т. С. Помошник директор во ЕСПСКК, М. Н. Помошник директор во ОКП, А. Т. Помошник директор во ОКРА како и Д. Л. Началник на Сектор во ОУП и Д. П. Началник на Сектор во ОУП.

Видно од Анекс на Предлог за воспоставување на Оперативна акција И бр.22.2-62 од 08.03.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, Оддел за униформирана полиција биле определени нови членови кое нешто произлегло од потребата за нивна ротација на дневна основа поради очекувањата дека јавните собири ќе продолжат подолг временски период, а воедно да не се наруши и редовното извршување на работните обврски од работните места на сите организациски единици во БЈБ и МВР кои партиципираат во штабот. Притоа, видно е дека од Директорот на БЈБ на 07.03.2017 година била донесена Одлука и преку Помошникот на директорот А. Т. во ОКРА дал дополнителни насоки на Помошникот директор С. С. во ОУП за промена на носителот на златната команда со негови заменици, дополнување на носителите на сребрената команда и промена на Раководителот на Оперативниот штаб со дополнување на негови заменици. Видно од овој доказ Раководител на Оперативниот штаб е директор на БЈБ Митко Чавков. Воедно во овој Анекс е наведено дека Директорот на БЈБ Митко Чавков е златна команда, а Б. Д. и С. Г. се заменици на златната команда. Наведени се и членовите на Оперативниот штаб и Оперативниот тим како и носителите на сребрена команда, а тоа се Началник на ЦПС Г. Ѓ., Помошник директор во ОУП С. С., Помошник директор во ОКП М. Н., Помошник директор во ОКРА А. Т., Началник на СВР С. И. В., Началник на СВР К. М. Ј., Началник на СВР С. Ѓ. Б., Началник на СВР Б. М. А., Началник на СВР Ш. В. С., Началник на СВР Т. Н. Ш., Началник на СВР О. Г. Н. и Началник на СВР В. П. И..

Во месец март 2017 година бил изготвен План за мерки и активности Д.бр.28-61/1 од 06.03.2017 година на МВР на РМ, Сектор за внатрешни работи С. Наведениот план бил донесен заради безбедносна проценка по одржаниот собир на 24.02.2017 година во организација на Здружението „Тврдокорни“ со марш од Соборен храм до споменикот Бранителите во Паркот Жена Борец и добиените сознанија од социјалните мрежи за организирање на секојдневни јавни собири пред објектите на Влада и Собрание на РМ во организација на граѓанската иницијатива „За заедничка М.“ со почеток во 17,00 часот, а имајќи ја во предвид севкупната безбедносна состојба во Р. М. на политички, економски и социјален план, како и моменталната политичка состојба во која се наоѓала Р. М., со посебен акцент на неколкуте нарушувања на јавен ред и мир со вршење на прекршоци и кривични дела со елементи на насилство од страна на групи како и можноста истите да продолжат, наведено е да СВР С. превземе зајакнати мерки со цел превентивно постапување и спречување на ваквите појави. Притоа, во овој план дадена е и кратка анализа на

состојбите со посебен нагласок дека особено е значајно дека треба да се земе во предвид и фактот дека постои висок ризик на денот на одржувањето на конститутивната седница како и одржување на други седници во објектот на Собранието на Р. М., можни биле неколку варијанти на одржување на јавни собири – протести и тоа: масовен ненасилен протест со можност на истите да земат учество и малолетни лица; масовен делумно насилен протест со можност на групи и поединци да се однесуваат насилно; масовен насилен протест и масовен насилен протест со контрапротести. Воедно во овој план е наведено дека СВР С. се соочува со проблеми со пополнетост и број на човечки ресурси, немање на материјално-технички средства и заштитна опрема па не е во можност да се справи со нарушен ЈРМ во поголем обем заради што потребно е од страна на ЦПС-ОСПО да се предвидат и планираат мерки и активности за воспоставување на евентуално нарушен ЈРМ на претходно наведените варијанти како и постоење на потреба од ангажирање на дополнителни сили од другите служби при МВР и другите СВР во РМ. Во планот се наведени ризиците на полицијата, потоа социјалните ризици, правни, етички и морални ризици, економски ризици, но наведени се и мерките за воспоставување на евентуално нарушен ЈРМ, при што е наведено дека во случај на нарушување на јавен ред и мир од поголем обем ќе постапуваат силите од ОСПО. Меѓу останатото е наведено дека почнувајќи од 05.03.2017 година од 20,00 часот ќе се воспостави 24-часовно покривање на објектот на Собрание на РМ со два тима од ЕЈРМ и еден тим од ЕПОИ Алфа со одговорен од ЕЈРМ кој ќе има задача да се координира со ЕИК и Одговорниот за внатрешно обезбедување на објектот на Собрание на РМ. Веднаш да се зајакне присуството на полициските службеници каде почесто се евидентирани нарушување на ЈРМ, како што се основните училишта, Транспортен центар, Комплекс банки, АСУЦ, населбите Ч. и „Методија Андонов Ченто“ како и да се зајакнат мерките и активностите по планот за школи, контрола на автобусите во критичното време на доаѓање и заминување на учениците, за време на големите одмори да се зајакне присуството на пешачките патроли. Да се постапува по планот за зајакнати мерки за обезбедување на виталните објекти, објекти на МВР, како и објекти и места каде што има зголемено присуство на граѓани.

Врз основа на членовите 11, 50 и 83 од Упатството за криминалистички истражувања и справување со криминални групи Инт. бр. 23.5-81613/1 од 18.11.2014 година, а во врска со План за мерки и активности од БЈБ И. бр. 22.2-70 од 02.03.2017 година, бил изработен Анекс план за мерки и активности Д.бр.28-156/1 од 25.04.2017 година на МВР на РМ, Сектор за внатрешни работи С. и видно од истиот пред се е наведен краток опис на причините заради кои што е истиот донесен. Воедно, наведени се организационите единици кои ќе учествуваат во спроведувањето, а имено заради организирање, раководење и координирање на мерките и активностите во СВР С. формиран е Помошен оперативен штаб, ЕПСОНРС, ЕЈРМ, ЕБПС, ЕАСОТ, ЕПОИ Алфа, ЕОК, а одговорен на сите сили бил Помошникот на началникот на ЕЈРМ З.С., а

негов помошник бил главниот инспектор од ОКНПСОНРС Е. Љ., одговорен за силите од ЕЈРМ бил главен инспектор во ЕЈРМ З. А., потоа одговорен за силите од ЕБПС бил главниот инспектор во ЕБПС З.Г., а негов помошник сменоводител од ОБПС Г. Н.. Одговорен за силите од ЕПОИ Алфа бил главен инспектор во ЕПОИ Алфа В. Н. и одговорен за силите од ЕОК бил главниот инспектор Д. З.. Одговорен на полициските сили за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани органиирани преку социјалните мрежи кој требал да се одржи на 27.04.2017 година со почеток во 17,00 часот пред објект на Влада бил Помошник началник на ЕЈРМ З. С., а негов помошник бил главен инспектор од ОКНПСОНРС Љ.Е.. Одговорен за централно градско подрачје и следење на масата бил главен инспектор Љ. Е., а за обезбедување требало да бидат ангажирани 58 УПС и 4 тима од следните организациони единици: прв потсектор ПС ОН „Центар", а одговорен за обезбедување на овој потсектор бил помошник командир од ПС ОН „Центар" Д. О., а сили за обезбедување требале да се користат од ПС ОН „Центар" 6 УПС, втор потсектор ПС ОН „Бит Пазар" со одговорен за обезбедување Заменик командир на ПС ОН „Бит Пазар" З.С., а сили за обезбедување кои што треба да се користат биле од ПС ОН „Бит Пазар" 5 УПС и раководител и трет потсектор – зајакнати ГИ. Четвртиот потсектор е „Кале" со одговорен за обезбедување главниот инспектор В. Н., а за обезбедување ќе се користеле тимовите од ЕПОИ Алфа. Петти потсектор, седиште на СДСМ со одговорен заменик командирот на ПС ОН Г. Б.. Одговорен на објект Собрание на РМ наведено е дека ќе биде Помошник командирот на ПС ОН К. В.С., а негов помошник - Помошникот командир на ПС ОН Д. З. Д. при што за обезбедување предвидено е да бидат обезбедени полициски службеници од следните организациони единици: ПС ОН А. 5 УПС и помошник командир, ПС ОН К. 5 УПС и заменик командир, ПС ОН Гази Баба 5 УПС и сменоводител Т-812, ПС ОН Д. 5 УПС и ЕЈРМ 15 УПС. Одговорен на објект Влада на Р. М. бил Командирот на ПС ОН Ѓ. П. Г. О., а негов помошник бил Командир на ПО М. С. Комненовиќ и вкупно 36 УПС од СВР С. ќе се користеле од следните организациони единици: ПС ОН К. В. 5 УПС и помошник командир, ПС ОН Ѓ. П. 5 УПС, ПС ОН Ч. 5 УПС и ЕЈРМ 15 УПС. Во втора фаза сите сили треба да се префрлат на објект Собрание на РМ. За сили за интервенција во случај на нарушен ЈРМ во поголем обем ќе се користат силите од ОСПО и одделенијата од ЕЈРМ. Воедно, во овој Анекс план е наведено дека сите полициски службеници задолжени за спроведување на Планот на 27.04.2017 година во 15,30 часот треба да се поставaт по сектори и јават на одговорниот, а истите да бидат облечени и опремени како за редовна работа и заштитна опрема (панцир, шлем, заштитен елек и заштитна маска) по потреба. Задолжително раководителите од организациските единици да извршат смотра на УПС пред нивното упатување на извршување на службените задачи.

Во месец март 2017 година донесен е План за реализација Д.бр.28-58/1 од 02.03.2017 година на МВР на РМ, Сектор за внатрешни работи С.

во кој што точно е наведена безбедносната состојба, кратката анализа на состојбите, ризиците за полицијата, како и економските ризици. Видно од овој План како одговорен на целокупното обезбедување бил Начланикот на ЕАСОТ Б. Р., а негов заменик главен инспектор од ОКНПСОНРС Б. М., додека за сообраќајното обезбедување одговорен бил Главниот инспектор од ЕБПС З. Г., а негов помошник самостојниот инспектор во ЕБПС Д. Т.. Обезбедувањето е за целото подрачје на одвивање на јавниот собир и маршутата на движење, а по потреба на други места каде е загрозена безбедноста. За поефикасно обезбедување било предвидено да бидат превземени мерки и активности во три фази и тоа: пред отпочнување на јавниот собир и движењето, за време на собирот и по завршување на собирот. За времетраење на јавниот собир во сите фази предвидено е да бидат ангажирани сили од следните ОЕ: ОКНПСОНРС 99 УПС, ЕЈРМ 2 вода, ЕАСОТ 10 УПС, КИ 15 ПС, ОБПС 21 УПС и ОСПО 5 вода. Одговорен за централно градско подрачје бил самостоен инспектор од ОКНПСОНРС И. Т., а за обезбедување ќе бидат ангажирани 58 УПС и 4 тима од следните организациони единици: прв потсектор ПС ОН Центар на кој одговорен за обезбедување ќе биде Помошник командирот на ПС ОН Центар Д. О., а сили за обезбедување ќе се користат од ПС ОН Центар 9 УПС и раководител и истите треба да ги покријат следните точки: Мост „Г. Д.“ 2 УПС Т441 пред масата, крстосница „Климент Охридски“ и „Илинден“ 2 УПС Т442 позади масата, резиденција на Претседателот 2 УПС и раководител, Плоштад „М.“ 2 УПС и Транспортен центар 3 УПС од ОТПДВП Т 185. Во вториот потсектор ПС ОН Бит Пазар одговорен за обезбедување е Командирот на ПС ОН Бит Пазар С. Е., а сили за обезбедување ќе се користат од ПС ОН Б. П. 9 УПС и раководител кои ќе треба да ги покријат следните точки: Плоштад „Филип Втори“ УПС и раководител, Стара чаршија 2 УПС, С. К. „Мост“ 2 УПС, Булевар „Крсте Мисирков“ 2 УПС, Плоштад „Скендер бег„ 2 УПС, во третиот потсектор – зајакнати ГИ е предвидено сите ПС ОН задолжително на своето подрачје да формираат зајакнати ГИ на кои одговорен ќе биде сменоводителот и во четвртиот потсектор „Кале“ одговорен за обезбедување е главен инспектор од ЕПОИ Алфа С. М., а за обезбедување ќе се користат тимовите од ЕПОИ Алфа кои треба да ги покријат следните локации: ул. „Лазар Личеновски“ и ул. „Самоилова“, Тврдина Кале и паркингот, Музеј на современа уметност, мост кај Царинска управа и надворешен периметар на движење на масата. За одговорен на петтиот потсектор – седиште на СДСМ бил назначен виш инспектор од ОТПДВП Дејан Несторовски со 9 УПС од ОТПДВП. Наведените УПС имале за задача да известуваат за секое групирање и движење на граѓани кон собирното место објектот на Влада на РМ од местата на кои се поставени; да ја следат состојбата и да известуваат за движење на сомнителни лица и ПМВ; да вршат легитимирање на сомнителни лица и лица кои носат натписи или транспаренти со навредлива содржина или содржина која повикува на расна, верска, национална омраза и нетрпеливост и да не дозволат фрлање на предмети и меѓусебна пресметка помеѓу учесниците на

протестот и останатите граѓани, а како дополнителна задача била во случај на нарушен ЈРМ од поголем обем исклучиво по наредба на одговорниот да формираат одделенија и постапуваат по задачите на одговорниот. Одговорен на објектот Собрание на РМ бил самостоен инспектор во ОКНПСОНРС Љ. Ж., а негов помошник – Командир на ПС ОН Д. А. Д., при што за обезбедување биле ангажирани полициски службеници од следните организациони единици: од ПС ОН Аеродром 9 УПС и заменик командир, од ПС ОН Кисела Вода 9 УПС и заменик командир, ПС ОН К. 9 УПС и заменик командир, ПС ОН Г. Б. 9 УПС и помошник командир, ПС Д. 9 УПС, ЕЈРМ 23 УПС и ОСПО 3 вода. Одговорен пак на објектот Влада на РМ бил главен инспектор во ЕЈРМ Т. Д., а негови помошници командирот на ПС ОН Ч. Д. С. и командирот на ПС ОН Ѓ. П. Г. О., при што било определено вкупно сили да се користат 108 УПС од СВР С. и тоа од следните организациони единици распоредени на следниот начин: ПС ОН Ѓ. П. 9 УПС, ПС ОН Ч. 9 УПС и ЕЈРМ 23 УПС, додека во втора фаза силите се префрлуваат објект Собрание на РМ. Во поглед на Секторот сообраќајно обезбедување за ден 02.03.2017 година УПС ангажирани за сообраќајно обезбедување требале да бидат облечени како за редовна работа за извршување на работните задачи за КРС и опрема за справување со нарушен ЈРМ. Во Планот се предвидени и мерки за воспоставување на евентуално нарушен ЈРМ па така одговорниот на обезбедувањето веднаш од постоечките сили формираат три вода и истите треба да се упатат на местото каде е нарушен ЈРМ при што како одговорен е предвидено да биде еден од КИ 15, УПС од ПС ОН 99, УПС од ЕЈРМ 2 вода, УПС од ОБПС 22, ЕПОИ Алфа 4 тима и УПС од ОСПО 5 вода. Во делот придодадени сили на Оперативниот план се наведени УПС од СВР С. 190.

Неспорно е дека бил изготвен План за ангажирање на единиците од ОСПО за обезбедување на објектот на Собрание на РМ СД.бр.23.4-30/1 од 10.03.2017 година на МВР на РМ, Централни полициски служби, Оддел за специјални полициски операции. Видно од истиот со оглед на севкупната безбедносна состојба, повеќемесечната постоечка политичка криза и можноста од ескалирање на состојбата, како и можноста од случување на ненајавен масовен протест на група граѓани или две спротивставени групи граѓани пред објектот на Собранието на РМ, а со цел на одржување на стабилен јавен ред и мир и спречување на ескалирање на состојбите било предвидено да бидат ангажирани припадниците на ОСПО. Одделот за специјални полициски операции за реализација на наведените активности во функција треба да ги стави Единицата за брзо распоредување, Единицата за специјални задачи и Единицата за обука и поддршка кои ќе дејствуваат во рамките на своите надлежности и намената која што ја имаат во рамките на ОСПО/ЦПС/БЈБ/МВР на РМ, согласно законските и подзаконските акти. Командата по која ќе постапуваат ангажираните единици ќе се одвива по линија на хиерархиската поставеност во ОСПО, а постапувањето на ангажираните сили од ОСПО ќе биде по наредба од раководителот на

Помошниот штаб од СВР С. (началникот на СВР С.). Одговорен старешина за целокупиот ангажман на единиците од ОСПО бил Началникот на ОСПО Митко Пешов. Во текот на изведувањето на задачата координацијата ќе се врши од Штаб формиран за таа намена. Покрај планираниот ангажман одговорниот од ОСПО по сопствена проценка или по добиени насоки од Оперативниот штаб може да ги ангажира и упати на други локации силите на ОСПО. Начинот на постапувањето е планиран во ситуација кога пред објектот на Собранието на РМ има собир на граѓани на две или повеќе спротивставени страни. На првата позиција било предвидено да бидат ангажирани следните сили: од СВР С. требало да бидат ангажирани 80 УПС кои ќе бидат поставени веднаш зад оградите, од ПЕП 4 вода кои ќе бидат поставени зад припадниците на СВР С. и ЕБР три вода кои требало да бидат поставени зад припадниците на ПЕП со две оклопни возила „Волф“. За втората позиција било предвидено да бидат ангажирани од СВР С. 50 УПС кои ќе бидат поставени веднаш зад оградите (по пет УПС на малите премини и по 20 УПС на големите премини) и од ПЕП еден вод поставен во „Жена парк“. За третата позиција предвидено е да бидат ангажирани 100 УПС кои ќе бидат поставени веднаш зад оградите и за четвртата позиција предвидено е да бидат ангажирани од СВР С. 70 УПС кои ќе бидат поставени веднаш зад оградите, од ПЕП четири вода кои треба да се наоѓаат зад припадниците на СВР и од ЕБР четири вода поставени зад припадниците на ПЕП со две оклопни возила „Волф“. Ова е предвидено за првиот сектор. Во вториот сектор за првата позиција биле ангажирани 20 УПС од СВР С. поставени веднаш зад оградите додека во втората позиција биле ангажирани 40 УПС од СВР С. поставени веднаш зад оградите, додека во третата позиција биле ангажирани 10 УПС од СВР С. поставени веднаш зад оградите. Во четвртата позиција биле ангажирани 10 УПС од СВР С. поставени зад оградите и на петтата позиција биле ангажирани 40 УПС од СВР С. поставени веднаш зад оградите и доколку има потреба да овозможат проток кон ул. „Св. Кирил и Методиј“. За третиот сектор на првата позиција биле ангажирани 20 УПС од СВР С. поставени зад оградите, на втората позиција биле ангажирани 15 УПС од СВР С. поставени веднаш зад оградите и на третата позиција биле ангажирани 15 УПС од СВР С.. Во четвртиот сектор за првата позиција биле ангажирани два вода од ЕБР со едно специјално возило за контрола на толпа со воден млаз и две специјални возила „Волф“, додека на втората позиција бил ангажиран еден вод од ЕБР. На третата позиција биле ангажирани два вода од ЕБР со едно специјално возило за контрола на толпа со воден млаз и две специјални возила „Волф“, додека на четвртата позиција има еден вод од ПЕП и на петтата позиција каде што всушност се влезовите од објектот на Собранието биле ангажирани два Оперативни отсека од ЕСЗ кои по насока на началникот на ОСПО ќе ги евакуира пратениците и персоналот од Собрание по одреден коридор на безбедно место. Ова се се однесуваше на ситуација 1. Но, согласно овој План е предвидена ситуација 2 каде начинот на постапувањето е планиран во ситуација кога

пред објектот на Собрание на РМ има собир на граѓани. Просторот околу објектот е поделен на четири сектори, а целиот периметар ќе биде ограден со полициски огради зад кои ќе бидат поставени сили од СВР С. и ОСПО, така што во Сектор 1 од СВР С. ќе бидат ангажирани 300 УПС поставени веднаш зад оградите, од ПЕП 9 вода кои ќе бидат поставени зад припадниците на СВР С. и од ЕБР 7 вода поставени зад припадниците на ПЕП. Во Сектор 2 на првата позиција треба да бидат ангажирани 20 УПС од СВР С. кои ќе бидат поставени веднаш зад оградите, додека за втората позиција ќе бидат ангажирани 40 УПС од СВР С. поставени веднаш зад оградите, на третата позиција треба да бидат ангажирани 10 УПС од СВР С. поставени веднаш зад оградите, а на четвртата позиција треба да бидат поставени 10 УПС од СВР С. поставени веднаш зад оградите и во петтата позиција треба да бидат ангажирани 40 УПС од СВР С. поставени веднаш зад оградите и доколку има потреба да овозможат проток кон ул. „Св Кирил и Методиј“. На секторот 3 треба да бидат ангажирани сили од СВР С. по следниов распоред и позиции: прва позиција треба да бидат ангажирани 20 УПС од СВР С. поставени веднаш зад оградите, втората позиција треба да бидат ангажирани 15 УПС од СВР С. поставени веднаш зад оградите и на третата позиција треба да бидат ангажирани 15 УПС од СВР С.. На четвртиот сектор според овој План ќе бидат поставени сили од ОСПО по следниот распоред и позиции: на првата позиција ќе бидат ангажирани два вода од ЕБР со едно специјално возило за контрола на толпа со воден млаз и четири специјални возила „Волф“, додека на втората позиција ќе бидат ангажирани еден вод од ЕБР, а на третата позиција ќе бидат ангажирани два вода од ЕБР со едно специјално возило за контрола на толпа со воден млаз и четири специјални возила „Волф“. На четвртата позиција ќе има еен вод од ПЕП, а на петтата позиција каде што се влезовите од објектот на Собранието ќе бидат ангажирани два оперативни отсека од ЕСЗ кои по насока на началникот на ОСПО ќе ги евакуира пратениците и персоналот од Собрание по одреден коридор до безбедно место. Воедно, предвидени се и сили за поддршка и тоа еден оперативен отсек од ЕСЗ поставен во објектот на Владата; еден оперативен отсек од ЕСЗ поставен во базата на ЕСЗ; снајперски тимови од ЕСЗ треба да бидат ангажирани за поддршка на ангажираните сили од ОСПО; тимови за видео-документирање; санитетски тимови согласно потребите ќе бидат поставени на терен и логистички тимови ќе бидат во базите на единиците и по потреба ќе бидат ангажирани за поддршка и дотур на неопходни средства и опрема.

Од претходно наведениот План за ангажирање на единиците од ОСПО за обезбедување на објектот на Собранието на РМ јасно произлегува дека според овој План треба да бидат ангажирани голем број на полициски службеници, но е предвидено да има и сили за поддршка. Но на 27.04.2017 година ништо од овој План не е реализирано, односно како што произлегува од доказите ангажирани биле само еден минимален број на полициските службеници.

Неспорно е дека од страна на МВР, Централни полициски службеници, Оддел за специјални полициски операции и ЕБР бил донесе План за превземање на оперативно-тактички мерки СД.бр.23.4.2-9/47 од 25.04.2017 година. Видно од истиот на ден 27.04.2017 година, со цел безбедно и ефикасно спроведување на задачите од овој План, односно физичкото обезбедување на ненајавен собир на организација на граѓани организирани преку електронски портали и социјални мрежи, а и врз основа на барањето за ангажирање на посебните и специјалните мрежи, а врз основа на барањето за ангажирање на посебните и специјални единици бр. сл 28-150/1 од 26.04.2018 година од страна на СВР С., Единицата за брзо распоредување го изготви овој План. Во рамките на МВР начинот на раководењето и командување ќе се одвива според хиерархиската поставеност на организациските единици при што во овој план е поставена и слика околу оваа хиерархиска поставеност. Во планот е предвиден и начин на дејствување на ОСПО, при што овој Оддел за реализација на наведените активности во функција ќе ги стави Единицата за брзо распоредување која ќе дејствува во рамките на своите надлежности и намената која ја имаат во рамките на ОСПО/ЦПС/БЈБ/МВР на РМ согласно законските и подзаконските акти. Командата по која ќе постапуваат наведените организациски единици ќе се одвива по следната линија на командување: Началник на ОСПО, а во конкретниот случај тоа е Митко Пешов према Командант на Единицата кој пренесува на Помошник командант на Единицата спрема Командир на чета, вод, лидер на тим. Командантот на ЕБР по наредба на ОСПО ќе ангажира еден појачан вод од ЕБР, а одговорен за целата активност ќе биде Командир на чета Г. З.. Ангажираните водови ќе бидат соодветно распоредени и ангажирани на претходно одредени локации во централното градско подрачје на С., а согласно барањето од СВР С. и случувањата на терен, истите ќе бидат прераспоредувани по потреба и во зависност од настанатата ситуација на терен, а по наредба од одговорниот старешина за оваа активност од СВР С. со претходно известувње до одговорниот старешина од ЦПС во штабот на МВР. За обезбедување на Владата на РМ ќе биде ангажиран еден вод припадници од ЕБР, додека за обезбедување на Собранието на РМ ќе биде ангажиран еден вод припадници од ЕБР.

Видно од дописот насловен како Доставување на барање бр.28-4028/1 од 25.04.2017 година и 26.04.2017 година преку кабинетот на директорот на Бирото за јавна безбедност до Централните полициски служби доставено е писмено барање за ангажирање на сили од ОСПО. Ова писмено барање е доставено од началник во СВР С. И. В. а се работи за ангажирање на сили од ОСПО за ден 27.04.2017 година. Во прилог на ова барање доставено е и Барање за ангажирање на посебните и специјалните единици СД.бр.28-155/1 од 25.04.2017 година и 26.04.2017 година од МВР на РМ, СВР С., па видно од истото се работи за физичко обезбедување на ненајавен собир во организација на граѓани организирани преку електронски портали и социјални мрежи кој треба да

се одржи на 27.04.2017 година, ден четврток со почеток во 17,00 часот пред Влада на РМ. Ова Барање е доставено врз основа на процент на веројатност дека настанот за кој се бара ангажирање на посебните и специјалните единици ќе се случи нарушување на ЈРМ во поголем обем. Притоа, во делот забелешка стои дека СВР има потреба од два вода за постапување кои треба да се јават на 27.04.2017 година во 17,00 часот на одговорниот пред Влада на РМ согласно Планот.

Видно од писмениот допис насловен како Доставување на барање бр.28-4025/1 од 26.04.2017 година од МВР на РМ, БЈБ, СВР С. преку кабинет на директорот на БЈБ до Централните полициски служби се доставува писмено Барање за ангажирање на посебните и специјалните единици од 25.04.2017 година од МВР на РМ, БЈБ, СВР С. и видно од истото се работи за физичко обезбедување на ракометен натпревар во Лига на Шампиони помеѓу екипите на РК „Вардар АД С.“ на РК „Флензбург“ од Германија кој ќе се одигра на 27.04.2017 година со почетк во 19,00 часот во СЦ „Јане Сандански С.“. За оваа цел ќе се користат како сили за интервенција во случај на нарушен ЈРМ, а потребни се два вода од ОПЕ – ЕБР.

За настаните од 27.04.2017 година бил сочинет Записник за активности во ОШ по ОА „ПЛАТФОРМА“ за ден 27.04.2017 година Ев. бр.22.4-2054 од 28.04.2017 година од МВР на РМ, Централни полициски служби, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа и видно од истиот присутни биле Д. Л. како член на Оперативниот штаб, потоа членови на оперативниот тим С. Т., С. Т., Ѓ. С., Т. Г. и Б. Ш.. После 19,00 часот во просториите на Оперативниот штаб е констатирано присуство на повеќе лица. Како време на одржување на активностите во Оперативниот штаб е наведено 16,30 часот до 03,30 часот. Согласно овој Записник, Штабот бил отворен во 16,30 часот при што се следеле јавните собири за кои до Одделот за униформирана полиција биле доставени известувања за можно организирање на собири на подрачјето на 22 населени места, а со Штабот раководел Началникот на СПРОН од ОУП Д. Л.. Во 18,50 часот граѓаните кои биле пред Собранието насилно влегле во Собранието, а во 19,25 часот во Оперативниот штаб пристигнал министерот за внатрешни работи А. Н. со своето обезбедување и побарал од одговорниот во штабот да даде наредба да се евакуираат пратениците од Собранието. Во 19,30 часот министерот за внатрешни работи прашувал за планот на Оперативниот штаб односно за планот на Оперативната акција. Министерот информирал дека пратениците кои се наоѓаат во Сала 3 во Собранието се физички нападнати од страна на маскирани и вооружени лица и побарал да се преземат мерки за евакуација на пратениците. Според неговите информации повредени биле повеќе пратеници меѓу кои Т. Џ. и З. З. заради што му издал наредба на Началникот Душко Лазаров да издаде наредба за евакуација на пратениците. После ова, Началникот Лазаров на Помошникот началник во СВР С. К. Б. му дал насоки за упатување на полициски службеници пред Сала 3 и на членот на

Оперативниот тим С.Т. му дал насоки за внатрешното обезбедување со сите расположливи ресурси да го обезбедуваат влезот пред Сала 3 и истовремено го проверувал податокот за физичкиот напад врз пратениците во Сала 3 во Собранието. Министерот информирал дека од 18,00 часот се обидувал да стапи во контакт со раководителот на Оперативниот штаб и не можел да го добие. Министерот за внатрешни работи побарал во Оперативниот штаб да дојде Ј. Л. при што во 19,58 часот министерот издал наредба ако има потреба да се преземат сите мерки и побарал итно да дојде раководителот на Оперативниот штаб и надлежниот во штабот Началникот Л. да ги преземе сите превентивни и репресивни мерки, а штабот да направи соодветна проценка и да преземе мерки. Министрот информирал дека по завршување на спортските натпревар постои можност присутните од натпреварот да се упатат кон Собранието. Во 20.08 часот во штабот пристигнал Директорот на БЈБ Чавков кој дал наредба специјалните единици да почнат со преземање мерки за евакуација на пратенбиците, а во 20,27 часот припадниците на Специјалните единици влегле во Сала 3 во Собранието и превземале мерки за брза евакуација на пратениците. Во 20,35 часот откако бил обезбеден коридорот започнала евакуацијата на пратениците и до 20,43 часот биле евакуирани 30 пратеници. Директорот на БЈБ дал наредба на помошникот началник Сашо Митевски да се упатат медицински лица внатре во Собранието и да се укаже медицинска помош  на повредените како и наредба за 10 минути да се евакуираат преостанатите 15 пратеници. Во 20,47 часот директорот на БЈБ Чавков издал наредба да се повикаат на работа сите увидни групи, а во 21,13 часот  започнало извлекувањето на пратеникот З. С. кој беше тешко повреден. Од страна на помошникот началник Митевски по пртходно одобрување на раководителот на Оперативниот штаб Директорот на БЈБ Чавков била дадена наредба по проценка да се употребат сите средства за присилба за воспоставување на нарушениот јавен ред и мир. Во 21.15 часот министерот за внатрешни работи дал соопштение за јавноста за дотогаш преземените мерки во врска со насилното влегување во Собранието на РМ, евакуирањето на пратениците и повредените полициски службеници како и повредените граѓани. Во 21.18 часот Директорот на БЈБ Митко Чавков повторно дал наредба веднаш да се евакуира пратеникот З.С. од Собранието на РМ. Потоа, директорот на БЈБ во 21,33 часот дал наредба пратеникот З. С. со оклопно возило да се пренесе од Собрание на РМ до Клуб на пратеници каде има медицински тимови. Во 21,39 часот била дадена наредба пратеникот З. С. да се однесе во Клинички центар и притоа дадена е наредба од Директорот на БЈБ Чавков и Помошникот началник Митевски да се употребат сите средства за безбедно евакуирање и расчистување на трасата на движење до Клинички центар. Во 21,47 часот Помошник на директор Т. С. дал задача према СИКС да се следи состојбата на подрачјето на сите Сектори за внатрешни работи и за сите сознанија за евентуални движења према подрачјето на СВР С., веднаш да се извести Оперативниот штаб. Исто така, Помошникот

директор С. се слушнал со Началникот на СВР К. М. Ј., Началникот на СВР В. П. И., Началникот на СВР Б. М. Ј., Началникот на СВР С. Ѓ. Б. во врска со помошните штабови во Секторите за внатрешни работи и истите се произнесоа дека функционираат и дека нема никаков проблем во нивните подрачја и дека е мирно. Дадена била задача да ги засилат службите во обезбедување на Полициските станици во нивните подрачја и да бидат опремени со заштитна опрема (панцир, шлем, лично и формациско вооружување), додека службите на терен со лично вооружување и панцир, а во возилата обавезно да имаат шлем и формациско вооружување по нивна проценка во нивните подрачја, како и доколку има граѓани кои ќе се упатуваат кон С. веднаш да го информираат Оперативниот штаб. Во 22.05 часот било изготвено уште едно Соопштение за јавноста со кое се повикуваат граѓаните да не даваат отпор на полицијата и возилата на Итната медицинска помош за безбедна евакуација на пратениците и укажување на медициска помош на тешко повредените пратеници, полициски службении и граѓани. Во 22.15 часот три лица од кои А. А., полициски службеник и пратениците Р. Ш. и З. С. биле евакуирани и пренесени во Клиничкиот центар и од Директорот на БЈБ Митко Чавков била издадена наредба останатите пратеници да се пренесат во базата во Ѓ П.. Понатаму, во 22,24 часот Помошникот началник Митевски по претходно одобрување на Раководителот на Оперативниот штаб Директор на БЈБ, на службите на терен им дал наредба да известуваат за евакуираните повредени лица со нивни генералии кон штабот, а во 22,25 часот од страна на директорот на БЈБ била издадена наредба за дислокација на повредените лица и дополнително обезбедување на Клиничкиот центар и болниците каде биле сместени повредените полициски службеници, пратеници и граѓани. Помошникот началник Митевски по претходно одобрување на Раководителот на Оперативниот штаб, Директор на БЈБ од службите на терен побарал да информираат за бројот на повредени полициски службеници. Во 22,34 часот биле евакуирани 35 пратеници и истите пренесени кон базата во Ѓ. П., за кое нешто информирал Помошникот началник М. Во 22,35 часот Помошникот директор С. на службите на терен им издал наредба за проверка на сите простории во Собранието на Р. М. за евентуално пронаоѓање на останати лица и други интересни работи за службата, потоа наредба за увид на повредените во Клиничкиот центар и здравствените установи и проверка на здравствената состојба на евакуираните лица. При интервенција за воспоставување на јавен ред и мир во и околу Собрание на РМ биле употребени средства за присилба и тоа: шок бомби, потискување со штит и употреба на палка – томфа во поединечни случаи кон агресивни лица. Во нарушувањето биле повредени вкупно 22 полициски службеници и тоа 10 од ЕБР, шест од СВР С., четири од ОЗОЛО и двајца од ПЕП, а биле повредени и тројца пратеници и тоа Р. Ш., З.С. и М. Г.. Од страна на Помошникот началник М. биле добиени податоци за повредените полициски службеници и тоа дека Д. К. имал повреда на лево стапало, П. Б. се здобил со повреда на врат, С.О. имал посекотина на чело, З.А.

посекотина на брада, П. К. имал повреда на десно колено, а исто така и И. Л. имал повреда на колено, понатаму С. М. се здобил со повреда на десна бутина, В.Н. со повреда на глава и десна рака, С. П. со повреда на десна рака и удар во глава и Ф. Л. со повреда на лев лакт, лево колено и десна рака. Притоа е наведено дека до 23,30 часот во Ургентниот центар и Градската болница „Климент Охридски" вкупно 70 граѓани побарале лекарска помош, а по преземените мерки во 22,30 часот биле задржани шест лица од демонстрантите. Во 22,54 часот началникот Т. ги информирал присутните во Штабот дека во тек се проверките во просториите во Собранието на РМ и се преземаат активности за евакуирање на Претседавачот на Собранието на РМ. Во 23,45 часот од страна на Помошник началникот М. известено било дека во базата Ѓ. П. евакуирани се 80 пратеници, 14 новинари и четворица вработени од собраниската служба од кои до моментот на известување 51 од нив си заминале, а на седум лица им била укажана лекарска помош во базата, а во 23,54 часот сите лица кои биле евакуирани од Собранието си заминале доброволно. Во 23,53 часот Помошникот началник С.М. информирал дека по добиена наредба за редуцирање на службите и добивање на следни насоки за постапување како и активности за текот на утрешниот ден, припадниците на ЕБР и ЕСЗ остануваат во базата во полн состав за извршување на задачи, додека припадниците на ПЕП ќе се ангажираат во зависност од сместувачките капацитети на подрачјето на СВР С., со подготвување во матичните единици за активостите за утрешниот ден, 28.04.2017 година. Во 23,55 часот Помошникот началник М. побарал информација од Помошникот директор С., во содејство со СВР С. да изврши прегрупирање на полициските сили за 27/28.04.2017 година како и проценка за подобрување на полициски службеници од останатите СВР за ангажирање за 28.04.2017 година. Во 00,00 часот по воспоставување на нарушениот јавен ред и мир и евакуирањето на пратениците од Собранието на РМ, Министерот за внатрешни работи А.Н. одржал колегиум и ги информирал присутните во Оперативниот штаб дека Раководителот на штабот не е таму и потоа побарал секој од присутните накратко да реферира за преземените мерки и активности, секој во својот делокруг на работа во врска со настаните во и околу Собранието на РМ. Потоа на овој Записник е наведено кој од присутните реферирал при што се наведени Началникот на Сектор во ОУП Л., Началникот на Сектор во ОЗОЛО Т., главниот инспектор С., Помошникот директор С., како и Началникот на ЦПС Ѓ.. Воедно Министерот за внатрешни работи Н. побарал да се оствари комуникација со Јавното обвинителство и да се обезбеди наредба, да се идентификуваат лицата кои се наоѓаат во Собранието на РМ, да се прегледаат снимките, фактите и доказите со цел да се документира настанот. Во овие активности да се вклучи и Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди и да се направи проценка дали биле почитувани наредбите издадени од страна на Министрот до Раководителот на Оперативниот штаб и во однос на доставените планови и активности во врска со можните сценарија дали е

така постапено и да се преземат мерки за обезбедување на Собранието. Воедно побарал да се обезбедат снимените разговори за издавање наредби преку радио врските. Оперативниот штаб завршил со работа во 00,35 часот со насоки Записникот да биде изготвен од ОКРА и веднаш да биде доставен до присутните и ОВКПС и СВР С.. Во прилог на овој Записник е доставен и список на присутни во Оперативен штаб по ОА „Платформа“ на ден 27.04.2017 година.

Овој Записник е во склад и со исказот на А. Н. и согласно Записникот јасно се гледаат пропустите од страна на полицијата, при што мора да се нагласи дека единствената команда е воспоставена откако Директорот на БЈБ Митко Чавков пристигнал во Оперативниот штаб и кога дал наредба специјалните единици да почнат со преземање на мерки за евакуација на пратениците. Од дадената наредба на обвинетиот Митко Чавков до евакуацијата на пратениците од Сала 3 поминало кратко време, што значи доколку ваква наредба била благовремено издадена можело да се спречи се она што всушност се случуваше во Собранието на 27.04.2017 година, а пред се би се спречило насилството во Прес салата при кое насилство беа повредени повеќе пратеници, но и полициски службеници и новинари.

Сочинет бил и Записник за активности на штабот на СВР С. И бр.28-169/1 од 28.04.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, СВР С.. Притоа видно од овој Записник постојат комуникации помеѓу повеќе лица меѓу кои Министерот за внатрешни работи А.Н., Директорот на БЈБ Митко Чавков, Началникот И.В., З. С., К.Б., И. А., Г.А., М.Л. и Б.Р.. Од овој записник јасно може да се утврди меѓу останатото дека во 18,00 часот има разговор помеѓу Министерот за внатрешни работи А. Н. и Началникот И. В. во кој го запознал дека за време на седницата во Собранието има тензии и да се следи состојбата внатре и надвор. Во 18,00 часот Директорот на БЈБ бил известен за примените насоки од министерот и за состојбата од терен. Во 18,25 часот известен бил Раководителот на ОШ на МВР, Директорот на БЈБ за новите состојби од теренот за делувањето на заштитната ограда кој повратно известил дека според сознанијата со кои располагаат нема да има никакви нарушувања на ЈРМ. Срушени се заштитните огради и влез на масата во безбедносниот периметар во 18,35 часот, а од периодот од 18,44 до 18,54 часот постои повеќекратен контакт со Министрот А.Н. и Заменикот раководител на ОШ на МВР, Заменикот министер Б.Б. кои биле запознати со ситуацијата и истите посочуваат да се бараат дополнителни сили за зајакнување на силите во Собранието на РМ. Оваа комуникација е со Началникот И.В. кој што контактирал и со Раководителот на ОШ на МВР, Директорот на БЈБ и го информирал за новонастанатата состојба и за пробивање на кордонот, влегување во безбедносниот периметар, пробивање и на вториот кордон и влегување на масата во внатрешноста на Соранието, како и за потребата за итно засилување на сили од ОСПО, а ова се случува во 19,02 часот. Во 19,50 часот дадена е наредба за силите на Алфа единица да влезат во внатрешноста на Собранието за лоцирање на критичните места и правење на тампон помеѓу масата и

пратениците. Ова се дел од донесени мерки и активности но тука во овој Записник се заведени се и сите донесени одлуки и активности, при што Судот мора да нагласи дека од Раководителот на ОШ на МВР, Директорот на БЈБ но и од обвинетиот Д.Л. биле барани дополнителни сили од ОСПО, но на овие барања воопшто не било позитивно одговорено така да такви сили не биле испратени пред Собранието. Дополнителните сили од ОСПО пристигнале дури во 21,20 часот, а во 21,30 часот има активна употреба на единиците на ОСПО заради обезбедување на коридор за извлекување на повредените и други лица од Собранието преку влезот од гаражите на Собранието. Наредбата за префрлување на преостанати сили на ЕЈРМ и ЕАСОТ од ракометниот натпревар од спортската сала „Јане Сандански“ и ставање на располагање на одговорниот пред Собрание на РМ е издадена во 20,50 часот.

Од овој Записник во кој што се наведени сите донесени одлуки и активности на ден 27.04.2017 година повторно може да се утврди дека полицијата не била на висина на задачата и обвинетите Митко Чавков и Д.Л. не презеле благовремено ништо за да се спречат настаните во Собранието.

Од страна на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција до МВР на РМ доставено е Барање за декласификација на класифицирани информации КО бр.66/17 од 08.03.2018 година од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Со ова Барање се бара декласификација на класифицираните информации во информации до кои се има слободен пристап, а се работи за докази кои што беа потребни за оваа постапка. Станува збор за Извештај на работна група за утврдување на фактичката состојба на настанот на 27.04.2017 година во Собрание на РМ, СД бр. 08-564 од 31.05.2017 година; Стандардни оперативни процедури за одржување на јавен ред и мир преку редовно полициско работење на јавни собири и спортски натпревари од октомври 2013 година, Упатство за криминалистички истражувања и справување со криминални групи бр. 235-81613/1 од ноември 2014 година; Правилник за начинот на вршење на полициските работи; Упатство за давање на задачи и координација од октомври 2013 година; Упатство за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (Златна, Сребрена и Бронзена команда) од октомври 2013 година; Тактичка одлука И бр. 22.2-68/02/2017 од 02.03.2017 година; Предлог И бр 22.2-69/02/2017 од 02.03.2017 година; Анекс на предлог од 08.03.2017 година; План за мерки и активности бр. 28-61/1 од 06.03.2017 година; План за реализација бр. 28-58/1 од 02.03.2017 година; План за ангажирање на единиците од ОСПО по ОА „Платформа“ СД бр. 23.4-30/1 од 10.03.2017 година; Анекс план за мерки и активности Д бр. 28-156/1 од 25.04.2017 година; План за превземање на оперативно-тактички мерки СД бр. 23.4.2-9/47 од 25.04.2017 година од ЕБР; Барање за ангажирање на сили од

ОСПО СД. бр. 28-155/1 од 25.04.2017 година од СВР С.; Барање за ангажирање на сили од ОСПО рег бр. 28-4025/1 од 26.04.2017 година СВР С.; Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 27.04.2017 година Ев. бр. 22.4-2054 од 28.04.2017 година од МВР и Записник за активности на Штабот на СВР С. И бр. 28-169/1 од 28.04.2017 година.

Врз основа на претходно цитираното Барање за декласификација на класифицирани информации од страна на МВР на РМ донесено е Решение за декласификација бр.22.6.1.1-21725/1 од 14.03.2018 година на МВР на РМ со кое што се врши декласификација, односно промена од класифицирани акти со степен на класификација „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ изготвени од страна на МВР во акти со „ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ единствено за потребите на Основното јавно обвинителство за гонење органииран криминал и корупција за оформен предмет КО бр. 66/17 и тоа на следните акти: План за превземање на оперативно-тактички мерки СД бр. 23.4.2-9/47 од 25.04.2017 година од ЕБР; Барање за ангажирање на сили од ОСПО СД. бр. 28-155/1 од 25.04.2017 година од СВР С.; Барање за ангажирање на посебните и специјалните единици од 25.04.2017 година, изготвен од страна на Сектор за внатрешни работи С. во БЈБ во МВР; План за ангажирање на единиците од ОСПО по ОА „Платформа“ СД бр. 23.4-30/1 од 10.03.2017 година; Анекс план за мерки и активности Д бр. 28-156/1 од 25.04.2017 година; Извештај на работна група за утврдување на фактичката состојба на настанот на 27.04.2017 година во Собрание на РМ, СД бр. 08-564 од 31.05.2017 година; се врши декласификација, односно промена од класифицирани акти со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО“ изготвени од страна на МВР во акти со „ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ единствено за потребите на ОЈО за гонење органииран криминал и корупција за оформен предмет КО бр. 66/17 и тоа на следните акти: Анекс план за мерки и активности Д бр. 28-156/1 од 25.04.2017 година; План за реализација бр. 28-58/1 од 02.03.2017 година; План за мерки и активности бр. 28-61/1 од 06.03.2017 година; се врши декласификација, односно промена од класифицирани акти со степен на класификација „ИНТЕРНО“ изготвени од страна на МВР во акти со „ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ единствено за потребите на Основното јавно обвинителство за гонење органииран криминал и корупција за оформен предмет КО бр. 66/17 и тоа на следните акти: Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 27.04.2017 година Ев. бр. 22.4-2054 од 28.04.2017 година од МВР; Записник за активности на Штабот на СВР С. И бр. 28-169/1 од 28.04.2017 година; Анекс на предлог за воспоставување на оперативна акција бр.22.2-82 од 08.03.2017 година, изготвен од страна на Одделот за униформирана полиција во БЈБ во МВР; Тактичка одлука И бр. 22.2-68/02/2017 од 02.03.2017 година; Предлог И бр 22.2-69/02/2017 од 02.03.2017 година; Предлог И бр 22.2-69/02/2017 од 02.03.2017 година; Стандардни оперативни процедури за одржување на јавен ред и мир преку редовно полициско работење на јавни собири и спортски натпревари бр.22.5-63596/1 од 16.10.2013 година, изготвени од страна на БЈБ во МВР; Упатство за воспоставување на организациски процедури за управување,

команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (Златна, Сребрена и Бронзена команда) бр.22.5-74918/1 од 16.10.2013 година и бр.226-78056/1 од 21.10.2015 година, изготвено од БЈБ во МВР и Упатство за криминалистички истражувања и справување со криминални групи бр. 235-81613/1 од 18.11.2014 година, изготвено од страна БЈБ во МВР.

Од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Управата за безбедност и контраразузнавање доставено е Барање известување КО бр.66/17 од 11.01.2018 година со кое се бара доставување на известување за следните околности: дали обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски поседуваат сертификат „ДРЖАВНА ТАЈНА“; кога се работи за контаразунавање со елементи на странски служби, кој Оддел во рамките на УБК е задолжен да постапува; во кој Оддел на УБК се вработени обвинетите, а во кој Оддел биле вработени во месец април 2017 година и дали со оглед на нивните тогашни работни места биле да постапуваат во правец на контаразунавање со елементи на странски служби; ако постои наредба издадена од страна на Врховен суд на РМ за примена на посебни истражни мерки и доколку за спроведување на истите е потребно да се влезе во зграда на Собрание на РМ или Влада на РМ, дали треба да се бара одобрение од надлежните служби на Собрание на РМ или Влада на РМ ; доколку е потребно одобрение, дали обвинетите побарале од надлежните служби на Собранието на РМ кога влегле внатре на 27.04.2017 година; дали имале наредба на 27.04.2017 година да влезат внатре во зградата на Собрание на РМ и ако имале од кого и дали се работело за усмена или писмена наредба; доколку имало писмена наредба истата да им биде доставена, а доколку се работи за усмена наредба кој ја издал истата; дали за влегувањето во зградата на Собрание на РМ на 27.04.2017 година изготвиле извештај, доколку изготвиле истиот да им биде доставен, а доколку не изготвиле дали биле должни да изготват со оглед да постапувале по наредба на Врховен суд на РМ, односно спроведувале ПИМ; дали од страна на Агенцијата за ... се писмено известени дека за време на настаните во зградата на Собрание на РМ имало припадници на странски разунавачки агенции.

Од страна на МВР, Управа за безбедност и контаразунавање доставен е одговор на Барањето и видно од истиот заведен под СД.бр.36-295/1 од 25.01.2018 година по однос на лицето Оливер Радулов истиот никогаш не бил распореден на работно место во Управата за безбедност и контраразузнавање. Тој од заснованјето на работниот однос во МВР до денот на откажување на договорот за вработување бил распореден на работни места во Бирото за јавна безбедност. Обвинетиот Сашо Марковски поседувал безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“. Кога се работи за контаразунавање со елементи на странски служби, надлежни да постапуваат се Одделот за контраразузнавање и Одделот на УБК С. во

Управата за безбедност и контраразузнавање. Воедно истите го известуваат Обвинителството дека Сашо Марковски во месец април 2017 година бил распореден на работно место Началник на Единица за планирање, безбедност и cyber заштита во Одделот за оперативна техника и согласно описот и пописот на работни задачи утврдени во актот за систематизација на работни места во Управата за безбеднст и контраразунавање не бил овластен да постапува на работни задачи од надлежност на контраразузнавање со елементи на странски служби. Сметано од 14.12.2017 година на истиот му е откажан договорот за вработување поради потешко кршење на работниот ред и дисциплина. Од нивна страна наведуваат дека ако постои наредба издадена од Врховен суд на РМ за примена на посебни истражни мерки и доколку за спроведување на истата е потребно да се влезе во зграда на Собрание на РМ или Влада на РМ во смисла дали треба да се бара одобрение од надлежните служби на Собрание на РМ или Влада на РМ посочуваат дека согласно чл. 43 ст. 2 од Зконот за Собрание („Службен весник на РМ" 104/09) и чл. 3. Ст. 3 од Правилнкот за внатрешниот ред на Собранието на РМ овластените службени лица на органите на државната управа не можат без одобрение на претседателот на Собранието да имаат пристап во просториите ниту да превземаат мерки кон пратеници, вработени во службата и кон граѓани. Воедно истите наведуваат дека во Управата за безбедност и контраразузнавање водена е постапка за утврдување дисциплинска одговорност против Сашо Марковски. За потребите на постапката, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со акт рег бр. 14-647/123 од 25.05.2017 година доставил барање до Собранието на РМ дали Управата за безбедност и контраразузнавање при МВР има доставено барање за издавање на одобрение за влез во просториите на Собранието на РМ заради извршување на работни задачи. Со акт бр. 03-1329/2 од 25.05.2017 година, Собранието на РМ одговорило дека до нив нема доставено барање за издавање на одобрение за влез од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање при МВР. Во овој писмен допис наведуваат дека согласно службените белешки СД бр. 36.8.1-28/1 од 02.05.2017 година изготвена од Сашо Марковски и Оливер Радулов на ден 27.04.2017 година истиот добил наредба од Б.Б. кој во тој период бил Помошник директор во Одделот за оперативна техника да изврши обиколка на поширокиот периметар околу објектот на Собранието на Р.М. со цел да утврди присуство на безбедносно интересни лица. Согласно евиденцијата на Управата за безбедност и контраразузнавање не е издадена писмена наредба за влез во зградата на Собранието на РМ. Согласно претходно наведените службени белешки поднесени од Сашо Марковски истиот постапувал по наредба од Б.Б. кој во тој период бил Помошник директор во Одделот за оперативна техника во Управата за безбеднст и контраразузавање. За неговото влегување во зградата на Собранието на РМ истиот не изготвил извештај туку поднел службени белешки СД бр. 36.8.1-28/1 од 02.05.2017 година и СД бр. 36.8.1-36/1 од 04.05.2017 година.

По однос на точката под реден број 9 од писменото барање, а заради добивање прецизен одговор наведува дека е потребно Обвинителството да се обрати до Агенцијата за ... .

Видно од Барањето за декласификација на класифицирани информации КО бр.66/17 од 15.03.2018 година од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се бара од МВР да се изврши декласификација на Одговор СД бр. 36-295/1 од 25.01.2018 година од МВР, Управа за безбедност и контраразузнавање С.

Од страна на МВР донесен е Решение за декласификација бр.36-1792/2 од 15.03.2018 година на МВР на РМ па видно од истото се врши декласификација на акт Одговор СД. Бр. 36-295/1 од 25.01.2018 година од Управата за безбедност и контраразузнавање при МВР, од документ со степен на класификација „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ во документ до кој се има „СЛОБОДЕН ПРИСТАП“.

Согласно писмениот допис насловен како Дополнување на Барање за известување КО бр.66/17 од 14.03.2018 година од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Управа за безбедност и контраразузнавање се бара им биде доставено известување дали до нив, односно дали до Управата за безбедност и контраразунавање е доставено писмено известување за припадници на странски разунавачки служби од страна на Агенцијата за ... после што доставен им е одговор, па видно од истиот заведен под бр.36-308/3 од 15.03.2018 година со кој што одговор го известуват Обвинителството дека до Управата за безбедност и контраразузнавање не е доставен таков акт.

Од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Службата за општи и заеднички работи на Влада на РМ доставено е писмено Барање КО бр. 66/17 од 29.01.2018 година и видно од истото се бараат податоци во смисла телефонскиот број 071/332-406 и телефонски апарат со ИМЕИ бр... се користени од Службата за општи и заеднички работи на Влада на РМ во критичниот период од 26.04.2017 година до 28.04.2017 година да се извршат проверки и да им бидат доставени податоци во смисла на кое лице му бил даден на користење претходно наведениот број и телефонски апарат, кој/кои лица ги имаат користено во наведениот период, дали лицата се нивни вработени, дали има писмен документ со кој бил задолжен телефонот, дали се уште е активен телефонскиот број, доколку не е активен од кои причини истиот е деактивиран и по чие барање е деактивиран, дали СИМ картичката со претходно наведениот кориснички број и телефонскиот апарат се наоѓаат во нивната служба во тој момент. Бараните проверки и податоци да се однесуваат на временскиот период од 26.04.2017 година до денот на доставување на писменото барање.

Согласно Одговорот на барање податоци бр.03-677/4 од 09.02.2018 година на Влада на РМ, Служба за општи и заеднички работи во мрежата на М. Телеком наведениот број е активен од 05.05.2010 година и согласно

деталната проверка и анализа на целокупната документација и телефоска опрема која како таква била затекната и најдена кај одговорното лице за фиксна и мобилна телефонија С.П.. Врз основа на записник заверен под број 02-4180/2 од 18.10.2017 година од извршен попис, евидентирање и примопредавање на целокупната службена документација, материјално-технчко работење со сите ствари со кои располага и со кои е задолжен истиот било констатирано дека не се пронајдени податоци во врска со телефонскиот број ... и телефонски апарат со ИМЕИ бр. ... Лицето С.П. своерачно напишал и потпишал изјави заверени под број 03-677/2 од 07.02.2018 година и 03-677/3 од 07.02.2018 година во кои навел дека не знае кој бил задолжен со телефонскиот апарат и број и дека нема сознанија кој го користел. Предметниот телефонски број со барање од 08.06.2017 година преку Контакт центарот на М. телеком е исклучен за дојдовни и појдовни повици, а на 13.06.2017 година е целосно деактивиран. Деактивирањето на бројот и сите поврзани дејствија за истото се извршени без консултација и одобрување од страна на тогаш новоименуваниот директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ П. М.. Воедно, истите појаснуваат дека издадената фактура од Т-мобиле М. АД С. за месеците 08/2010 година, 09/2010 година, 10/2010 година, 01/2011 година, 02/2011 година, 03/2011 година, 04/2011 година и 05/2011 година како прилог на овие фактури стои и табела со телефонски броеви меѓу кои и телефонскиот број .... Потписник на оваа табела со цело име и презиме и краток потпис е С.П., а како корисник на телефонските броеви наведено е Кабинет на премиер. На фактурата за месец 05/2010, наведена е дата од кога е активен бројот, а како лице кое е потпишано на фактурата повторно се јавува вработениот С.П.

Од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција издадена е наредба до МФ, Управа за финансиска полиција КО бр.66/17 од 13.02.2018 година и видно од истата се бара да се прибават информации во смисла дали обвинетите Крсто Мукоски, Сашо Василевски, Љубен Арнаудов, Љупчо Димовски, Јохан Тарчуловски, Митко Чавков, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Борис Дамовски, Богдан Илиевски, Владо Јовановски, Никола Митревски-Коњо, Митре Питроповски, Дејан Давидовски-Дешо, Александар Василевски-Нинџа, Јане Ченто и Горанче Анѓеловски моментално се во работен однос и доколку се кој е нивниот работодавач, а воедно да се прибави и листинг од АВР на РМ за сите нивни пријави/одјави во претходниот временски период од 5-пет години, односно од 2013 година до денот на примање на наредбата; Да се прибави информација кои се месечните приходи од работен однос на обвинетите Крсто Мукоски, Сашо Василевски, Љубен Арнаудов, Љупчо Димовски, Јохан Тарчуловски, Митко Чавков, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Борис Дамовски, Богдан Илиевски, Владо Јовановски, Никола Митревски-Коњо, Митре Питроповски, Дејан Давидовски-Дешо, Александар Василевски-Нинџа, Јане Ченто и Горанче

Анѓеловски во претходниот временски период од 5-пет години, односно од 2013 година до денот на примање на наредбата; Да се прибави информација и доказ за сопственост на целокупниот недвижен и движен имот кој гласи на име на обвинетите Крсто Мукоски, Сашо Василевски, Љубен Арнаудов, Љупчо Димовски, Јохан Тарчуловски, Митко Чавков, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Борис Дамовски, Богдан Илиевски, Владо Јовановски, Никола Митревски-Кољо, Митре Питроповски, Дејан Давидовски-Дешо, Александар Василевски-Нинџа, Јане Ченто и Горанче Анѓеловски како и членови на нивните семејства со податок за датумот и основот на стекнување на имотот, за претходниот временски период од 5-пет години, односно од 2013 година до денот на примање на наредбата; Да се прибави информација и доказ за сопственост за сите акции, други видови на хартии од вредност и удели во трговски друштва кој што се во сопственост на обвинетите Крсто Мукоски, Сашо Василевски, Љубен Арнаудов, Љупчо Димовски, Јохан Тарчуловски, Митко Чавков, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Борис Дамовски, Богдан Илиевски, Владо Јовановски, Никола Митревски-Кољо, Митре Питроповски, Дејан Давидовски-Дешо, Александар Василевски-Нинџа, Јане Ченто и Горанче Анѓеловски како и на членовите на нивното семејство со податок за датумот и основот на нивното стекнување, за претходниот временски период од 5-пет години, односно од 2013 година до денот на примање на наредбата; Да се прибави информација и соодветен доказ во поглед на околноста дали обвинетите Крсто Мукоски, Сашо Василевски, Љубен Арнаудов, Љупчо Димовски, Јохан Тарчуловски, Митко Чавков, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Борис Дамовски, Богдан Илиевски, Владо Јовановски, Никола Митревски-Кољо, Митре Питроповски, Дејан Давидовски-Дешо, Александар Василевски-Нинџа, Јане Ченто и Горанче Анѓеловски или членовите на нивните семејства, како физички лица или преку правни лица во чија што сопственичка структура учествуваат, вршеле брз трансфер на парични средства во претходниот временски период од 5-пет години, односно од 2013 година до денот на примање на наредбата, односно доколку истите вршеле брз трансфер на парични средства да се прибави и информација за колкав износ на парични средства се работи, како и од каде истите потекнуваат, а и меѓу кои субјекти-правни или физички лица е реализиран евентуалниот брз трансфер на парични средства; Да се прибави информација и соодветен доказ во поглед на околноста дали обвинетите Крсто Мукоски, Сашо Василевски, Љубен Арнаудов, Љупчо Димовски, Јохан Тарчуловски, Митко Чавков, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Борис Дамовски, Богдан Илиевски, Владо Јовановски, Никола Митревски-Кољо, Митре Питроповски, Дејан Давидовски-Дешо, Александар Василевски-Нинџа, Јане Ченто и Горанче Анѓеловски и членовите на нивните семејства поседуваат денарски или девизни банкарски сметки, во кои банки во Р. М. се ваквите сметки, на кои износи истите гласат, од кога истите датираат, за претходниот временски

период од 5-пет години, односно од 2013 година до денот на примање на наредбата.

Во наведената наредба сите наведени лица се водат како обвинети со оглед да во моментот на сочинувањето на наредбата истите биле со својство на обвинети, а дел од нив потоа беа амнестирани .

Со барање рег.бр.14.2-647/23 од 02.05.2017 година Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до Управата за безбедност и контаразузнавање со кое бара четири лица од УБК да бидат упатени во Одделот за внатреша контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди заради обавување на службен разговор со истите, а ова од причина што било утврдено присуство на четири лица кои се претставиле дека се од УБК на МВР, од кои едниот од нив е со познат идентитет и станува збор за Оливер Радулов, по решение во Единицата за брзо распоредување, на извршување на работни задачи во УБК. Од страна на двајца полициски службеници бил остварен влез во просториите на мониторинг системот на Собрание на РМ.

Управата за безбедност и контраразузнавање испратила Известување бр.36-2124/2 од 02.05.2017 година и видно од истото известуваат дека вработените Оливер Радулов и Сашо Марковски од УБК на ден 27.04.2017 година извршувале службени активности од делокругот на работата на УБК, во посоченото време и место, а тоа е 20:30 часот на Пријавница на службен влез на Собрание на РМ. Во однос на споменатите четири лица наведуваат дека од УБК само овие две лица оствариле влез во просториите на Собранието на Р.М., заради службени активности. Судот тука мора да нагласи дека ова известување е потпишано од тогашниот директор на УБК В.А., при што треба да се цени фактот дека од други изведени докази јасно произлезе со која цел влегле овие лица во Собранието, што одзеле од мониторинг собата и што всушност потоа е направено. Имено земени се два хард диска кои потоа се уништени, а тоа во никој случај не може да се третира како службена активност. Впрочем судот дополнително ќе даде анализа и на тие докази.

После настаните од 27.04.2017 година била сочинета Информација бр.22.1-453/1 од 05.05.2017 година на МВР на РМ, БЈБ и видно од истата била направена анализа на мерките и активностите на полицијата во врска со ОА „Платформа“. Воедно донесени се и заклучоци и тоа: Согласно чл.79 (2) од Упатството за криминалистички истражувања и справување со криминални групи, воспоставена е Оперативна акција врз основа на изготвен предлог за воспоставување на ОА; Согласно чл.80 (1) од Упатството за криминалистички истражувања и справување со криминални групи, Оперативна акција согласно утврдената потреба се воспоставува на: национално, регионално и локално ниво. Предлогот за воспоставување Оперативна акција на национално и регионално ниво го дава надлежна Организациона единица во БЈБ, а го одобрува Директорот

на БЈБ; Согласно точка 7 од СОП за проценка и управување со ризик при вршење на полициски работи изработен е план за проценка и управување со ризик; Согласно чл.83 од Упатството за криминалистички истражувања и справување со криминални групи изработен е план за мерки и активности; Согласно Упатството за давање задачи и координација Одлуката за воспоставување на Оперативна акција донесена е на состанок на Тактичката група за давање на задачи и координација. Донесените одлуки се во функција на целосно вклучување на ресурсите за обезбедување на јавните собири, за одржување на јавниот ред и мир и за воспоставување на евентуално нарушен јавен ред и мир; Согласно член 3 (2) од Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи „При водење на криминалистичко истражување или полициски работи, кои се претходно исланирани, полицискиот одговор при планираните акции треба да се базира на моментално расположливите разузнавачки информации“; Согласно член 7 (1) во кој се таксативно наведени обврските на „златниот командир“ односно во конкретниот случај обврските на Раководителот на Оперативниот штаб, покрај останатото decидно е наведено дека истиот „треба да одржува стратешки преглед и не треба да се впушта во одлуки на тактичко ниво“ и „треба да обезбеди стратегија за акцијата да е документирана, со цел да овозможи јасна ревизорска трага, вклучувајќи било каква промена на стратегијата“. Во функција на истото, во Организациската единица за криминалистичко разузнавање и анализа отворено е досие (предмет) за Оперативна акција. За сите расположливи информации и донесени одлуки се водат Записници кои се составен дел на досието на Оперативната акција. Воедно во оваа информација е наведено дека доколку претставник на парламентарното мнозинство или било која политичка партија, службите на Собранието или на било кој друг начин е дознаено за одржувањето на седницата за избор на Претседател на Собранието, БЈБ ќе ги активирала навремено изготвените посебни планови за постапување за нарушен ЈРМ од поголем обем и ќе се зајакнеле мерките за обезбедување на објектот на Собранието со зголемување на бројот на ангажирани полициски службеници за време на јавниот собир. Меѓутоа судот мора да нагласи дека уште претходниот ден, а тоа е 26.04.2017 година веќе имало информации дека ќе се бира Претседател на Собранието што произлезе јасно од пораката која беше претходно наведена, а испратена од Н.Г. до Т.В.. Освен тоа и сведокот Д. М., јасно кажа во својот исказ кој претходно е анализиран дека тој ден бил поинаков од останатите денови со оглед дека З. најавил дека ќе го бираат Т. за Претседател, па сето тоа можело многу јасно да биде доволен показател за БЈБ и посебно за златниот командир Митко Чавков, односно Раководителот на Оперативниот штаб за да ги активираат навремено изготвените посебни планови за постапување за нарушен ЈРМ од поголем обем и требале да ги зајакнат

мерките за обезбедување на објектот на Собранието со зголемување на бројот на ангажирани полициски службеници за време на јавниот собир.

Од страна на ОЈО С. до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција со писмен допис од 06.02.2018 година доставени се на надлежност списите на предметот КО1 бр.282/17 од 06.02.2018 година и видно од овој допис се работи за осомничените Влатко Трајковски и Илија Славевски.

Од Известувањето бр.28112-1042 од 02.05.2017 година на МВР на РМ, СВР С., Организациски единици за криминалистички работи, Единица за насилен криминал, Одделение за насилен криминал се гледа дека била поднесена кривична пријава против повеќе лица за кривично дело Учество во толпа што ќе изврши кривично дело по член 385 од КЗ.

Со писмен допис насловен како Доставување списи на надлежност КО1 бр.307/17 од 14.02.2018 година од ОЈО С. до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставени се на надлежност списите од предметот КО1 бр.307/17.

Видно од Известување бр.28.11.2-1002 од 29.04.2017 година на МВР на РМ, ОЕКР-ЕНК-ОНК при СВР С. во период од 60 дена имало ненајавени, односно непријавени собири на граѓани во МВР, а истите не биле оганизирани од ниедна политичка партија, а се одржувале под името „За заедничка М.“. Како организатори на настаните се јавувале Борис Дамовски, Богдан Илиевски, Владо Јовановски и Игор Дурловски.

Од страна на ОЈО С. до Основното обвинителство за организиран криминал и корупција доставен е писмен допис назначен како Достава на известување КО1 бр.307/17 од 06.11.2017 година со кој им доставува известување од МВР на РМ, ОЕКР-ЕНК-ОНК–ОНКТЛПВП при СВР С., а се работи за Известување бр.28.11.2-2872 од 02.11.2017 година. Согласно ова известување бил извршен претрес на ул.„Благој Ѓорев“ бр. 67/8 В. сопственост на лицето Горанче Анѓеловски кој претрес бил извршен врз основ на Наредба за претрес на дом бр.К-ПП-208/17 издадена од Основниот суд В.. По извршениот претрес биле пронајдени и одземени предмети наведени во Потврдата за привремено одземени предмети бр.28.11.2-82/1 од 25.07.2017 година, кои биле предадени за вештачење во Сектор за дигитална форензика и вештачење врз основ на Наредба на ОЈО С. бр.307/17 од 26.07.2017 година. По извршените вештачења на одземениот предметен материјал истиот со Акт бр.28.11.2-2582 од 27.09.2017 година бил доставен до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција врз основ на Акт од ОЈО за ГОКК РО бр.81/17 од 09.08.2017 година со кој се бара одземениот материјал да се достави до нив.

До ОЈО С. доставено е Известување бр.28.11.2/01-1487 од 06.06.2017 година на МВР на РМ, СВР С., Организациски единици за криминалистички работи, Единица за насилен криминал, Одделение за

насилен криминал и видно од истото согласно Наредба на ОЈО С. од страна на Собранието на РМ биле доставени податоци согласно барањето рег.бр.28.11.2-1344/1. Со ова известување се доставува писмен допис насловен како Доставување податоци бр.03-1330/2 од 25.05.2017 година од Собрание на РМ. Видно од овој допис се доставуваат телефонските броеви на пратениците, Ж.П. мобилен број ..., И. Д. мобилен број ..., Јохан Тарчуловски мобилен број ..., Сашо Василевски мобилен број ..., Крсто Мукоски мобилен број ..., Љубен Арнаудов мобилен број ... и Љупчо Димовски мобилен број ....

Со писмен допис насловен како Одговор на известување РО бр.81/17 од 14.09.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до МФ се доставува фотокопија од податоци од Тековни состојби од Централен регистар бр.08-3265/1 од 18.07.2017 година и 08-3265/3 од 20.07.2017 година, при што е наведено дека податоците за извршени трансакции треба да го опфатат временскиот период од 01.01.2016 година до 31.05.2017 година. Постапувајќи по барањето на Обвинителството од страна на МФ доставено е Известување Дов.бр.02-76/1 од 04.09.2017 година на Влада на РМ, МФ со прилог лист со наведени единствени даночни броеви на правни лица и лист со табела за извршени исплати на правни лица.

Од страна на МВР на РМ до Централен регистар на РМ доставен е писмен допис, а станува збор за Барање документација рег.бр.28.11.2-1983/1 од 12.07.2017 година со кој што бараат доставување на тековна состојба за повеќе правни лица.

Видно од писмениот допис насловен како Доставување податоци рег.бр.28.1.1.2-1983/3 од 18.07.2017 година на МВР на РМ, СВР С., Организациона единица за криминалистички работи, Единица за насилен криминал доставен до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција со Акт бр. 28.11.2-1983/1 од 12.07.2017 година од Централниот регистар биле побарани тековни состојби за 22 правни субјекти, при што од нивна страна со Акт бр.08-3265/1 од 18.07.2017 година им биле доставени седум тековни состојби додека за останатите 15 не биле доставени тековни состојби со образложение дека податоците кои се доставени не се доволни како критериум за пребарување во електронската база . Во прилог на наведениот допис до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција се доставуваат тековните состојби. Меѓу овие тековни состојби се наоѓа и на Македонското патриотско здружение „Андов Лазов Јанев Ќосето“ од В. и видно од истата во графата „датум на основање“ стои 18.06.2016 година, а како еден од сопствениците е токму обвинетиот Горанче Анѓеловски од В. кој е и овластено лице, односно Претседател на ова здружение. Согласно пак тековната состојба на Македонското патриотско здружение „Владо Черноземски“ од К. еден од сопствениците е В. М.. Ова здружение е основано на ден 24.05.2017 година, што значи после настаните во Собранието, но тука судот мора да нагласи дека иако истото е основано на наведениот датум тоа не значи

дека здружението не било активно претходно, односно пред и на денот на настаните на 27 април 2017 година. Ирелевантен е датумот на регистрацијата на здружението бидејќи членовите на истото можеле да бидат активни и без да истото биде регистрирано.

Видно од писмениот допис Доставување податоци бр.08-3265/1 од 18.07.2017 година од Централен регистар на РМ, Регионална регистрациона канцеларија С. со прилог Известување бр.08-3265/1 од 18.07.2017 година за одредени правни лица податоците не се доволни како критериум за пребарување во електронската база со податоци на единствениот трговски регистар и во прилог се доставуваат Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за Македонско патриотско здружение „Тодор Александров“ Б. во која се наведени сопствениците и тоа Љ. Ѓ., З. Н., М. А. и Ѓ. Ч., а овластено лице е З. Н., потоа Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за Македонското патриотско здружение „Андон Лазов Јанев Ќосето“ В., чии сопственици се Горанче Анѓеловски, Н. А., С. Б., С.Б., Р. Н. и Ј. Д., а овластено лице е Горанче Анѓеловски. Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за Македонско патриотско здружение „Владо Черноземски“ К., на кое здружение сопственици се Т. В., В. М., З. З., К. Л. и В. Н., а овластено лице бил З. З., додека согласно Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за Македонско патриотско здружение „Непокор 2017“ С., сопственици биле И. Т., Р. Ш., А. М., Н. П. и Б. Б., а овластено лице бил Б. Б.. Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за Македонско патриотско здружение „Славчо Абазов“ К., на кое здружение сопственици биле Г. М., Д. Ч., С. А., З. Б., П. Д., К. Т., В. А., Л. С., В. К., М.А., Д.М., З.К., С. А., К. Ѓ., М.А., В.П. и К. М., а овластено лице била С. А.. Тековна состојба број 0805-50/150120170044096 од 18.07.2017 година за Македонското патриотско здружение „Мише Развигоров“ Ш. чии сопственици биле В. П., Ј. С., Д. И., В. Ч., Љ. Г., Б. К. и Л. Д., а овластено лице бил Ј. С. и Тековна состојба број ... од 18.07.2017 година за Македонското патриотско здружение „Методија Патче“ О. чии сопственици биле Ѓ.Б., К.К., Н.Н., Т.Б., А.М., Г.Г., С.С., Ф.Ѓ., Г.Л., М.Г. и Г.Ј., а овластено лице бил К.К. .

Од Известувањето бр.02-76/3 од 26.09.2017 година на Влада на РМ, МФ доставено до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција видно е дека во врска со доставените фотокопии од податоци од тековните состојби од Централен регстар бр. 08-3265/1 од 18.07.2017 година и 08-3265/3 од 20.07.2017 година, при извршените проверки во МФ констатирано е дека приложените тековни состојби не се совпаѓаат со правните субјекти наведени во дописот од Централниот регистар, при што МФ извршило увид во евиденцијата за извршени исплати кон следните правни субјекти: Здружение на Национален Фронт П., Здружение на воени инвалиди „Бранител 2001“ К.П., Здружение на бранители „Бедем Исток“ Ш., Здружение на припадници на безбедносни сили „Бедем“ С., Здружение на граѓани Македонски национален фронт С., Македонско патриотско здружение „Тодор Александров“ Б., Македонско

патриотско здружение „Андон Лазаров Јанев Ќосето“ В., Македонско патриотско здружение „Владо Черноземски“ К., Македонско патриотско здружение „Непокор 2017“ С., Македонско патриотско здружение „Славчо Абазов“ К., Македонско патриотско здружение „Мише Развигоров“ Ш., Македонско патриотско дружение „Методија Патче“ О., за кои единствено се доставени тековните состојби од Централниот регистар. Од извршената проверка во евиденцијата на МФ за дел од наведените здруженија биле реализирани барања за плаќања доставени од страна на буџетските корисници во период од 01.01.2016 до 31.05.2017 година, и во прилог е доставен преглед на реализирани барања, а по однос на останатите правни субјекти и тоа МПЗ „Васил Чакаларов“ Т., МПЗ „Пере Тошев“ П., МПЗ „Апостол Терзиев“ Г., МПЗ „Лазар Поп Трајков“ Г., МПЗ „Димитрие Чуповски“ Ч., МПЗ „Дамјан Груев“ Д., МПЗ „Илинден 1903“ К., МПЗ „Јане Сандански“ Н.С., МПЗ „Христо Татарчев“ Р., МПЗ „Атанас Бабата“ П. МПЗ „Никола Карев“ Ч. О., МПЗ „Коста Мазнејков“ С., Здружение на воени инвалиди 2001 В., Здружение на бранители Бедем, МПЗ „Апостол Петков Терзиев“, МПЗ „Ангел Винички“ В., за кои не биле доставени Тековни состојби од Централен регистар, МФ би можело да изврши проверка по доставување на истите. Во прилог на наведениот допис до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција доставен е лист со табела за извршени исплати на правни лица од кои се гледа дека на Македонското патриотско здружение „Тодор Александров“ Б. и на Здружението на припадници на безбедносните сили „Бедем“ биле исплатени парични средства и тоа на Македонското патриотско здружение „Тодор Александров“ Б. на ден 15.01.2016 била реализирана трансакција од страна на орган на Општина Б. на износ од 30.000,00 денари каде во графата цел на дознака стои др. трансфери финан. помош со реш. бр. 08-32/2, а на Здружението на припадници на безбедносните сили „Бедем“ од страна на орган на Општина Р. на ден 31.03.2017 година била реализирана трансакција во износ од 20.000,00 денари со цел на дознака „трансфери до др. на граѓани по одлука....“

Од писмениот допис Доставување податоци рег.бр.28.11.2-2146 од 01.08.2017 година на МВР на РМ, СВР С., Организациона единица за криминалистички работи, Единица за насилен криминал доставен до Основен Јавен Обвинител за гонење на организиран криминал и корупција се гледа дека од страна на МВР на РМ СВР С., Организациона единица за криминалистички работи, Единица за насилен криминал од Централен регистар со акт бр. 28.11.2-2062/1 од 20.07.2017 година биле побарани тековни состојби за правни субјекти, при што од нивна страна со шест поединечни акти од 20.07.2017 година биле доставени тековни состојби за пет правни субјекти, додека за останатите 10 не биле доставени тековни состојби со образложение дека податоците кои биле доставени не се доволни како критериум за пребарување во електронската база. Во прилог на наведениот допис до Основниот јавен обвинител за гонење на организиран криминал и корупција доставени се тековни состојби за

бараните правни субјекти, како и допис насловен како Известување бр.08-3265/3 од 20.07.2017 година со кој од страна на Централен регистар, МВР Единица за насилен криминал С. известени се дека податоците кои ги доставуваат по однос на барањето не се доволни како критериум за пребарување во електронската база со податоци на единствениот трговски регистар и тоа за 10 правни субјекти, па доколку располагаат со поблиски информации за наведените правни субјекти да ги достават за да може да се одговорат на барањето. Од доставените тековни состојби на правните субјекти и тоа Тековна состојба број ... од 20.07.2017 година за Здружение „Национален фронт“ П., се гледа дека во графата „датум на основање“ стои 04.03.2017 година, а како еден од сопствениците е токму обвинетиот Јане Ченто од Прилеп, кој е и овластено лице, односно Претседател на ова здружение. Согласно Тековната состојба број ... од 20.07.2017 година за Здружение на воени инвалиди „Бранител 2001“ К.П., видно е дека на ден 27.02.2013 година било основано Здружение под наведениот назив, а исто така биле основани и следните здруженија: Здружение на Бранители „Бедем Исток“ Ш. и тоа на ден 13.12.2011 година, Здружение на припадници на безбедносните сили „Бедем“ С. на ден 02.11.2010 година и Здружение на граѓани „Македонски Национален Фронт“ С. на ден 06.04.2010 година, а кое нешто произлегува од доставените тековни состојби и тоа: Тековна состојба број ... од 20.07.2017 година за Здружение на бранители „Бедем Исток“ Ш., Тековна состојба број 0805-50/150120170044862 од 20.07.2017 година за Здружение на припадници на безбедносните сили „Бедем“ С. и Тековна состојба број 0805-50/150120170044864 од 20.07.2017 година за Здружение на граѓани „Македонски Национален Фронт“ С..

На ден 17.07.2017 година ОЈО за гоење на организиран криминал и корупција се обратило до МВР на РМ, СВР С., Единица за информации и команда со барање да им се достави известување за настаните случени на 27.04.2017 година, а по однос на пораките за известување кои биле испраќани до старешините како и други видови на комуникација критичниот ден во период од 17,00 до 24,00 часот, кое е видно од Наредбата РО бр.81/17 од 17.07.2017 година

Од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција со допис Барање за доставување податоци РО бр.81/17 од 17.11.2017 година побарано е од Собранието на РМ, Генерален секретар доставување на податоци во смисла на 27.04.2017 година во колку часот започнала седница на Собранието на РМ и кога истата завршила, при што Собранието на РМ со допис насловен како Одговор на барање број 08-4222/2 од 24.11.2017 година, го известило дека продолжението на Првата седница на Собранието одржана на 27 април 2017 година започнала во 11,38 часот, а истата била прекината во 18,01 часот. Седницата продолжила по третата точка на дневен ред – избор на Претседател на Собранието, но во тој дел од седницата не можело да се водат стенографски белешки и согласно тоа не бил евидентиран часот на

прекинот – завршувањето на продолжението на седницата. Притоа, известуваат дека во прилог се доставуваат стенографските белешки од продолжението на првата седница одржана на 27 април 2017 година, а едновремено и информираат дека по усвојувањето на Записникот од Првата седница на Собранието истиот ќе им биде доставен, од причина што пратениците имаат право да предложат одредени измени или дополнувања на Записникот, односно кога Записникот ќе биде ставен на седница на Собранието на усвојување.

Видно од Барањето за доставување податоци РО бр.81/17 од 17.11.2017 година, под кој број се водела предистражната постапка за овој предмет на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставено до Македонска Радио Телевизија побарано е доставување на следниот податок: видео запис од пленарната седница на Собранието на Р. М. одржана на 27.04.2017 година со тоа што во истата да се наведе часот на отпочнување, како и часот на завршувањето на седницата.

Од страна на ОЈО до ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести „Свети Наум Охридски“ С. со писмен допис Барање на оригинална медицинска документација РО бр 949/17 од 09.05.2017 година било побарано доставување на целокупната документација на име на лицата кои се пријавиле како оштетени од кривично-прврниот настан од 27.04.2017 година кој се случил во периодот од 18,30 до 21,30 часот на ул. „11 Октомври“ бб во зградата на Собранието на РМ, а со Известување бр.28.11.1-1285 од 18.05.2017 година, МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОКСД го известува Основниот јавен обвинител С. дека во врска со издадената Наредба РО бр. 949/17 од 09.05.2017 година која се однесува на кривично-правниот настан случен на ден 27.04.2017 година во Собранието на РМ од страна на МВР на РМ обезбедена е целокупна здравствена документација на лица кои се пријавиле како оштетени од ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ и изготвен е Акт бр. 07-1063/2 од 15.05.2017 година доставен во прилог на наведениот допис заедно со медицинска документација од 42 лица.

За време на настаните од 27.04.2017 година во Собранието со повреди се задобило и лицето Т.Д.. Согласно медицинската документација и тоа: Извештај на специјалистот-субспецијалистот од ЈЗУ-Клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000031894, Резултат од лабораториски наод бр.8.344/2017, Извештај-радиодијагностички наод од ЈЗУ-Клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“, Рентген амбуланта, 0000031894, Извештај на специјалистот-субспецијалистот контролен преглед број 1 од ЈЗУ Клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000031894 и Извештај на специјалистот-субспецијалистот контролен преглед број 2 од ЈЗУ Клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000031894, истиот се јавил на 27.04.2017 година во ЈЗУ – Клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ каде што му била укажана

медицинска помош и притоа било утврдено дека истиот се задобил со повреда на работа во физички напад при што се жалел на главоболка, гадење, вртоглавици, констатирано било дека има локално хематом инфраорбитално десно при што му бил даден совет за мирување и дадена му е терапија, а всушност станува збор за дијагноза S00 што претставува површинска повреда на глава. Заради задобиените повреди истиот се јавил на контролни прегледи во истата установа и на ден 28.04.2017 година.

Видно од Извештајот на специјалистот-субспецијалистот контролен преглед број 1 од ЈЗУ Клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000010048 за лицето Ј. С. А., истото се јавило на лекарски преглед во наведената здравствена установа на ден 27.04.2017 година поради болки во предел на главата и вратот пропратени со вртоглавица при што била констатирана дијагноза S00, дадена му била таблетарна терапија, совет за мирување и препорака за контрола. Истовремено му бил извршен и радио-дијагностички преглед видно од Извештај-радиодијагностички наод од ЈЗУ-Клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“, Рентген амбуланта, 0000010048, при што било констатирано дека истиот немал убедливи РТГ знаци за траума на краниумот и скелетот на цервикалниот дел од рбетот. Наредниот ден, односно на 28.04.2017 година лицето Ј.А. повторно се јавил во ЈЗУ УК по хируршки болести „Св. Наум Охридски “ С. и му бил извршен лабораториски преглед видно од Резултатот од лабораториски наод бр.8.358/2017, а лабораториски испитувања му биле извршени и на 29.04.2017 година видно од Резултатот од лабораториски наод бр.8.388/2017. На ден 29.04.2017 година на ова лице му бил извршен радиодијагностички преглед односно компјутерска томографија на глава видно од Извештај-радиодијагностички наод од ЈЗУ-Клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“, Рентген амбуланта, 0000010048 при што е констатирано дека уредна е структурата на прикажаниот скелет без знаци на траума, а видно од Извештајот на специјалистот-субспецијалистот контролен преглед број 2 од ЈЗУ Клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000010048 е дека лицето А.Ј. на ден 02.05.2017 година се јавил на контролен преглед во истата здравствена установа поради повремени главоболки и вртоглавици, при што му било препорачано домашно мирување уште 10 дена со препорака за контрола.

Од Извештајот на специјалистот-субспецијалистот од ЈЗУ-Клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“, Амбуланта за општа и ургентна хирургија, 0000031896 за лицето Крстевски Предраг произлегува дека и ова лице се здобило со повреди од критичниот настан, поради што истиот ден односно на 27.04.2017 година се јавило на лекарски преглед во ЈЗУ Клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ Амбуланта за општа и ургентна хирургија каде му бил извршен РТГ преглед и констатирано е дека нема убедливи знаци за траума, видно од Извештајот

радиодијагностички наод од ЈЗУ-Клиника по хирушки болести „Св. Наум Охридски", Рентген амбуланта,  0000031896 , а му бил извршен и лекарски преглед при што е констатирано дека станува збор за дијагноза S80.0 Dystoriso genus dextri,  поставен фикс завој со облога на десното колено со препорака за мирување односно боледување и контрола.

Со повреда критичниот ден се здобило и лицето В.К. поради што побарал лекарска помош во ЈЗУ Клиника по хирушки болести „Св.Наум Охридски", Амбуланта за општа и ургентна хирургија. Имено, видно од Извештај на специјалистот-субспецијалистот контролен преглед број 1 од ЈЗУ Клиника по хирушки болести „Св.Наум Охридски", Амбуланта за општа и ургентна хирургија,  0000031947 кај истото лице е констатирана дијагноза S00.02 contusio faciei cum excoriationes reg menti која ја здобил од метален предмет во предел на главата при што направена му била преврска, препишана таблетарна терапија, даден совет за мирување односно боледување препорака за контрола, а по претходно извршен РТГ преглед на скелетот на мандибула кое се гледа од Извештајот - радиодијагностички наод од ЈЗУ-Клиника по хирушки болести „Св.Наум Охридски", Рентген амбуланта, 0000031947.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција издало Наредба КО бр.66/17 од 28.11.2017 година со која бара да се изврши вештачење на мобилен телефон марка „Самсунг" S-6 edge, златна боја, со ИМЕИ бр. ... (на самиот телефон стои ИМЕИ бр. ...) и една СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број ... и со повикувачки телефонски број ... (запечатени со холограмска налепница), одземени од лицето В.М. со Потврда за привремено одземени предмети бр. 35.4.3-15 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Т. – ООК.ОКП. Со оваа Наредба се бара да се изврши вештачење, односно анализа, проверка на содржината на одземениот мобилен телефон и СИМ картичка и мемориските уреди, инсталирани во нив и притоа се наведени околностите на кои што се бара изготвување на ова вештачење. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика. Врз основа на оваа Нареда бил изготвен Извештај за мобилни уреди МУ 165-2017 од 29.11.2017 година кој што е доставен до Обвинителството, а заедно со Извештајот е доставена и фото документацијата со две фотографии кои се однесуваат на мобилниот телефон марка „Самсунг" модел SM-G 925 F со ИМЕИ ... при што мобилниот телефон е сликан од предната и задната страна. Од наведениот телефон било извршено превземање на податоците со помош на информатичко-форензички софтвер CELLEBRITE.

На ден 28.11.2017 година составен е Записник за извршено примопредавање на предмети 34.2.3-54/573 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Т. и всушност од овој Записник видно е дека се работи за извршено примопредавање на привремено одземени предмети од лицето В.М., а се работи за еден мобилен телефон марка „Самсунг" S-6 edge ,

златна боја, со ИМЕИ бр. ... и една СИМ картичка од ВИП – ОНЕ со повикувачки број ... запечатен со холограмска налепница.

МВР до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставил писмено Известување заведено под бр.34.2.3-54/572 од 28.11.2017 година со кое ги известуваат дека на ден 28.11.2017 година во временскиот период од 06,00 до 06,30 часот бил извршен претрес кај лицето В.М. во село Ч. при што од истиот со Потврда за привремено одземени предмети бил одземен еден мобилен телефон марка „Самсунг“ S-6 edge , златна боја, со ИМЕИ бр. ... и една СИМ картичка од ВИП – ОНЕ со повикувачки број .... Воедно од нивна страна бил составен Записник за претрес на дом и други простории или лице што е видно од истиот а заведен под бр.34.4.2-74/5009 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Т., ООК-ОКП. Притоа и на овој Записник е констатирано што всушност е одземено од В.М. а тоа е еден мобилен телефон марка „Самсунг“ S-6 edge , златна боја, со ИМЕИ бр. ... и една СИМ картичка од ВИП – ОНЕ со повикувачки број ... . Истиот ден е сочинета и Потврда за привремено одземени предмети бр.35.4.3-15 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Т., ООК-ОКП, која што потврда е потпишана лично и од В.М., а на истата е наведено што всушност се одзема од него, а тоа е еден мобилен телефон марка „Самсунг“ S-6 edge, златна боја, со ИМЕИ бр. ... и една СИМ картичка од ВИП – ОНЕ со повикувачки број ... .

Во текот на постапката беше изведен и доказ со сослушување на загрозен сведок со псевдоним С 1 за што од страна на Јавен обвинител од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција е донесено Решение за загрозен сведок РО бр.81/17 од 02.10.2017 година.

Видно од Известување бр.31.4.3-10531 од 07.12.2017 година на МВР на РМ, СВР К. бил извршен претрес на дом и други простории на ул. „Доне Божинов“ бр. 24 во К. кај лицето В.М. и при извршениот претрес на дом во една од собите во плакар се пронајдени еден мобилен телефон марка „Самсунг“ црн по боја со ИМЕИ бр. ... со батерија без СИМ картичка и еден телефон марка „Сони Ериксон“ црн по боја со ИМЕИ бр. ... со батерија без СИМ картичка, кој со Потврда за привремено одземеи предмети бр. 8624/456 од 28.11.2017 година се одземени од Б.П., а истот ден во 06,00 часот од страна на полициски службеници од СВР К. е приведен В.М. и од истиот со Потврда за привремено одземени предмети бр. 8626/457 од 28.11.2017 година се одземени еден мобилен телефон марка Самсунг со ИМЕИ бр ... 01 со СИМ картичка бр. ... со повикувачки број ..., еден мобилен телефон марка Самсунг А3 со ИМЕИ ... со СИМ картичка бр. RF8J11DRL8K со повикувачки број ... и еден хард диск ExcelStor со број S/N:Q4B79JU. Од извршениот претрес бил изготвен и Записник за претрес на дом и други простории бр. 8621/17 од 28.11.2017 година .

Согласно Потврда за привремено одземени предмети бр.28.11.2-113/1 од 28.09.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНКТЛПВП од

лицето А. З. бил одземен еден мобилен телефон марка „ИПХОНЕ“ црно-сива боја шест плус со ИМЕ ... и СИМ картичка со претплатнички број ... .

Видно од Извештајот од анализа бр.3-543/17 на МВР на РМ, БЈБ, ЦПС, Оддел за криминалистичко-технички испитувања и вештачења - анализа на импровизирана експлозивна направа, а согласно претходно добиена наредба бил извршен визуелен преглед на доставени елементи од импровизирана експлозивна направа при што било констатирано дека претставува сад од 300 мл со натпис „UNILITE“ кој содржел компримиран бутан гас, со остатоци од леплива лента по надворешноста и две пиротехнички средства – петарди со натпис „Enigma“ и ознака MR 30, од кои едната петарда била исто така со остатоци од леплива лента по надворешноста. Садот со натпис „UNILITE“ бил со бруто тежина од 220 грама и на истиот не биле констатирани механички оштетувања по неговата надворешна површина. На номинална температура и притисок бутанот е безбоен гас, кој во определен сооднос со воздухот претставува високо запаллив или експлозивен гас. Компримираниот бутан гас во садот бил наменет за полнење на различни видови запалки за продуцирање на пламен. Доставените пиротехички средства биле од кинеско производство, според ознаките увезени од бугарската фирма „Enigma“ со седиште во Софија. Овие производи кои имаат поединечна бруто тежина од околу 110 грама во внатрешноста содржат определена количина барут – според ознаките на производителот 30 грама, кој спаѓа во групата на слаби експлозиви со мала брзина на согорување. Овие пиротехнички средства се одликуваат со продуцирање на громогласен ефект – пукот. Активирањето на петардите се изведува со изложување на фитилот врз отворен пламен со употреба на запалка, кибрит или друг вид на отворен пламен. Според производителот петардите се активираат на отворен простор на растојание од 15-25 метри од луѓе. Со неправилно користење можат да предизвикаат пожар и повреди по телото на човекот. При взаемно облепување на петарда и сад со бутан гас, при активирање на петардата на еден од претходно наведените начини, може да се предизвикуваат повреди по телото на човекот во зависност од растојанието на направата.

На ден 02.11.2017 година од страна на МВР на РМ, ОЕКР-ЕНК-ОНКТЛПВП при СВР С. до ОЈО С. доставено е писмено Известување бр.28.11.2-2873 од 02.11.2017 година. Видно од ова Известување во врска со настаните случени на ден 27.04.2017 година во Собранието на Р. М. каде дел од група граѓани кои протестираа пред Собранието под името „За заедничка М.“ влегоа во Собранието и притоа нападнаа пратеници, членови на нивното лично обезбедување и обезбедувањето на Собранието, за што од страна на ЕНК било поднесено писмено Известување бр. 28.11.2/02-236 од 28.04.2017 година РО бр 949/17 и КУ бр. 4121/17 и поголем број на кривични пријави и известувања. На ден 21.09.2017 година од страна на Единицата за насилен криминал при СВР С. врз основ на Наредба за претрес на дом бр. II К-ПП – 426/17 издадена

од ОС К. бил извршен претрес на ул. „Плоштад Маршал Тито“ бр. 35/1-6 К. каде престојува и живее лицето Игор Југ за кого била распишана Централна потерница со евиденциски број ... издадена од ОЈО С. со Наредба бр КО 1 бр. 279/17 при што лицето било пронајдено и лишено од слобода во СВР К. . При извршениот претрес биле пронајдени и одземени предмети наведени во Потврдата за привремено одземени предмети бр. 31.5.1-6812/365 од 21.09.2017 година, кои што предмети биле предадени за вештачење во Сектор за дигитална форензика и вештачење врз основ на Наредба од ОЈО за ГОКК РО бр. 81/17 од 21.09.2017 година, а вештачењата се доставени до Обвинителството со Акт бр. 28.11.2-2592 од 29.09.2017 година и Акт бр. 28.11.2-2580 од 27.09.2017 година. Воедно во прилог на Актот била доставена и дел од облека која одговарала на облеката која ја носел Игор Југ на ден 27.04.2017 година во Собранието на РМ, а станува збор за една маица со кратки ракави црна боја со назив „HOS – HSP za dom spremni“ и еден пар фармерки светло сина боја марка „REPLAY“.

Видно од Известувањето бр.28.11.2-2529 од 25.09.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОНКТЛПВП, било извршено препознавање на лица и предмети, па од страна на МВР на РМ бил сочинет и Записник за препознавање на лица и предмети, а препознавањето било вршено во присуство на оштетениот Д.Т., бранителот на лицето Игор Југ, адвокат Нинослав Јакимовски и Јавен обвинител, па со ова известување Записникот е доставен до ОЈО С.. Согласно Записникот за препознавање на лица и предмети бр.28.11.2-51 од 22.09.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОНКТЛПВП препознавањето се вршело во просториите на ПС ОН „Кисела Вода“, а препознавањето го вршело лицето Д. Т., кој дал и опис на лицето од кој што бил и нападнат и навел дека се работи за лице кратко шишан, со брада, крупен со црна маичка, висок 180 сантиметри на возраст од околу 50 години. Воедно истиот навел дека ова лице заканувајќи му се да престане да снима му го свртел беџот и откако видел дека е од новинарската агенција „Мета“ му удрил бокс од кој паднал на земја и веднаш продолжил да го удира со клоци и боксови, по што дошло уште едно Н.Н. лице кое на видео записот кој што му бил прикажан го препознал во 02:11 секунди. На лицето Д. Т. му била прикажана снимка снимена од страна на Сител телевизија на ден 27.04.2017 година во Собранието на РМ, поточно во Прес салата со видео клип 022G6086 01MP4 кое претходно било обезбедено со барање за доставување на податоци од ОЈО С. со РО бр. 949/17 од 28.04.2017 година.

Од страна на на МВР на РМ, СВР С. , ОЕКР-ЕНК-ОКСД изготвено е писмено Известување заведено под бр.28.11.1-1100 од 05.05.2017 година кое е доставено до ОЈО С. . Притоа во ова Известување е наведено дека од нивна страна во ПС ОН К. С. било повикано лицето И.И. од С. кој во разговорот појаснил дека истиот бил во Собранието на РМ на ден 27.04.2017 година и додека бил во Прес салата и ходникот со својот

мобилен телефон Samsung S6 го снимил нападот врз пратеникот З. С. при што истиот доброволно ги предал да се преснимаат. За овој видео запис веднаш бил известен Јавниот обвинител кој дал усмена наредба да се одземе видео записот од мобилниот телефон сопственост на лицето И. И., а видео записот од страна на ЕУМНА бил преснимен на ЦД.

Со писмена Наредба на ОЈО С. РО бр.949/17 од 23.05.2017 година од МВР на РМ, ОЕКР-ЕНК-ОНК се бара да се обезбедат целосни лични податоци вклучувајќи и телефонски броеви од лицата Љубен Арнаудов, Крсто Мукоски, Сашо Василевски, Јохан Тарчуловски, Илија Димовски, Жаклина Пешевска и Љупчо Димовски, сите пратеници во Собранието на РМ. Врз основа на оваа Наредба од страна МВР на РМ, ОЕКР-ЕНК-ОНКТЛПВП при СВР С. до ОЈО С. доставено е писмено Известување кое е заведено под бр.28.11.2-1347 од 25.05.2017 година, па со ова известување ги доставуваат личните податоци на претходно наведените лица.

Обвинетиот Митко Чавков не е осудуван, против него не се водат други постапки што е видно од Потврдата од казнена и кривична евиденција КР -29405/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција

Обвинетиот Митко Пешов не е осудуван, против него не се водат други постапки, кое нешто јасно произлегува од Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-29409/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција.

Видно од Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-29410/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција обвинетиот Душко Лазаров не е осудуван, против него не се водат други постапки.

Согласно Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-29415/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција обвинетиот Горан Ѓошевски не е осудуван и против него не се водат други постапки.

Обвинетиот Оливер Поповски не е осудуван и против него не се водат други постапки кое произлегува од Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-29418/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција.

Видно од Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-29407/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција обвинетиот Оливер Радулов е осудуван со пресуда на Основен суд О. К бр. 98/03 од 25.12.2006 година по чл. 392 ст. 3 од КЗ на парична казна од 6.426,00 денари, а против него не се водат други постапки.

Согласно Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-29413/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и

кривична евиденција обвинетиот Мунир Пепиќ не е осудуван и според оваа потврда против него не се води друга постапка. Меѓутоа иако во оваа потврда стои дека против него не се води друга постапка за друго кривично дело, сепак судот мора да нагласи дека неспорно е дека против него се води друга постапка пред овој суд, а тоа е предметот со кодно име „Титаник“ заведен пред овој суд под КОК бр.7/18.

Обвинетиот Абдуљфета Алими не е осудуван, не се водат постапки за други кривични дела, видно од Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-29417/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција.

Видно од Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-29416/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција обвинетиот Игор Дурловски не е осудуван, не се води друга постапка.

Обвинетиот Младен Додевски е осудуван и тоа со пресуда на Основен суд С. 1 С. К.бр. 1377/14 од 07.10.2014 година на условна осуда по чл. 386 ст. 2 в.в. ст. 1 од КЗ на казна затвор од две години условена за пет години; со пресуда на Основен суд С. 1 С. К.бр. 1526/15 од 09.11.2015 година на казна затвор од две години за кривично дело по чл. 386 ст. 3 вв ст. 1 од КЗ и со пресуда на Основен суд С. 1 С. К.бр. 3561/10 условна осуда за чл. 386 ст. 2 в.в. со ст. 1 од КЗ, но против него не се водат други постапки, а сето ова е видно од Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-29431/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција.

Видно од Листата од казнена евиденција од 06.06.2017 година од Основен суд П. обвинетиот Јане Ченто не е осудуван и не се води постапка за други кривични дела.

Со листа на докази Обвинителството достави и Листа од казнена евиденција за обвинетиот Горанче Анѓеловски од 17.05.2017 година од Основен суд В., меѓутоа согласно Решение на Основниот суд во В. КС.бр.61/07 од 27.04.2007 година се утврдува дека според законот настапило бришење на осудата за осудениот Анѓеловски Горанче и тоа правосилни пресуди К.бр.142/97 од 02.12.1998 година и К.бр.159/00 од 21.10.2000 година, па така обвинетиот Горанче Анѓеловски не е осудуван и против него не се водат други постапки.

Согласно Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-10330/17 од 29.04.2017 година од Основен суд С. 1 С. , Одделение за казнена и кривична евиденција обвинетиот Игор Југ е осудуван, но против него не се водат постапки за друго кривично дело.

Видно од Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-10457/17 од 02.05.2017 година од Основен суд С. 1 С. , Одделение за казнена и кривична евиденција обвинетиот Влатко Трајковски е осудуван со пресуда на Основен суд С. К.бр. 273/97 од 03.04.1997 година на условна осуда

четири месеци условена за две години по чл. 344 ст. 1 од КЗ, против истиот не се водат постапки за други кривични дела.

Обвинетиот Вилијам Михајловски е осудуван со пресуда на Основен суд К. К.бр. 1289/11 од 12.12.2012 година, условна осуда 1 година условена за 2 години, против него не се водат постапки за други кривични дела кое е видно од Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-29426/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С. , Одделение за казнена и кривична евиденција.

Во текот на доказната постапка беа изведени како докази следните потврди: Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29400/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С. , Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29403/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29404/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29411/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29420/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29419/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29399/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29401/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29406/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29412/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29428/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29429/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, Потврда од казнена и кривична евиденција КР-29430/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција и Потврда од казнена и кривична евиденција КР-10443/17 од 02.05.2017 година од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, но со оглед да истите се однесуваат за лица кои што во текот на постапката беа амнестирани, Судот нема овие докази воопшто да ги анализира.

Во текот на постапката лицето Крсто Мукоски беше амнестиран, но со оглед да во доказна постапка како доказ беше изведено вештачење на мобилен уред одземен токму од лицето Крсто Мукоски со доставен извештај МУ бр. 174-2017 од 25.12.2017 година, а се работи за Вибер комуникации кои што се однесувале токму на денот 27.04.2017 година, а

овој доказ е изведен во текот на постапката додека ова лице беше во својство на обвинет, судот тука ќе напомене дека овие Вибер комуникации се доказ кој што не се однесуваат само за дејствија на ова лице, туку се однесуваат и за самиот настан од 27.04.2017 година, заради што судот нагласува дека неговиот мобилен телефон е одземен при претрес на неговиот дом и други простории и тоа со потврда за привремено одземени предмети. За сето ова зборуваат писмените докази Барање за издавање наредба за претрес на дом и други простории на лицето Крсто Мукоски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Наредба за претрес на дом на лицето Крсто Мукоски I КОК ПП бр.407/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С., Записник за претрес на дом и други простории бр.32.4.6 3168 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР-О. ПС-С. НККР и Потврда за привремено одземени предмети бр.32.4.6 3166 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР О., НККР С..

Воедно во текот на доказната постапка беа изведени и доказите Барање за издавање наредба за претрес на дом и други простории на лицето Сашо Василевски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Наредба за претрес на дом на лицето Сашо Василевски I КОК ПП бр.385/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С., Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.32.4-сл од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР-О. и Потврда за привремено одземени предмети бр.32.4/сл од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР-О., а всушност сите овие докази се однесуваат за лицето Сашо Василевки, па со оглед да истиот во текот на водењето на постапката е амнестиран, судот нема да први анализа на претхдно наведените докази.

Во текот на постапката лицето Љубен Арнаудов беше амнестиран, но во текот на доказната постапка во фаза кога истиот се уште не беше амнестиран беа изведени докази и тоа вештачење на неговиот мобилен телефон како и порака, а всушност таа порака се однесува точно за 27.04.2017 година, судот во поглед на доставените докази Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Љубен Арнаудов КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Наредба за претрес на дом на лицето Љубен Арнаудов I КОК ПП бр.408/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С., Записник за претрес на дом и други простории или лице од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР-О. и Потврда за привремено одземени предмети од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР О., а кои се однесуваат на лицето Љубен Арнаудов, па со оглед да истиот е амнестиран во текот на постапката, судот нема да ги анализира претходно наведените писмени докази.

Со листата на докази Обвинителството достави и Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Љупчо Димовски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран

криминал и корупција и Наредба за претрес на дом на лицето Љупчо Димовски I КОК ПП бр.386/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С. и истите беа изведени како докази повторно заради тоа што во време на изведување на доказите лицето Љупчо Димовски имаше својство на обвинет, а со оглед да во текот на постапката е амнестиран, судот нема да се осврнува на овие докази.

Од страна на Овинителството во прилог на листата на докази беа доставени и следните докази: Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Јохан Тарчуловски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција и Наредба за претрес на дом на лицето Јохан Тарчуловски I КОК ПП бр.409/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С. кои во текот на доказната постапка судот ги изведе, со оглед дека во таа фаза на постапката лицето Јохан Тарчуловски имаше својство на обвинет, но бидејќи истиот беше амнестиран, судот нема да се впушта во анализа на наведените докази.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Основниот суд С. 1 С. достави Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Митко Чавков КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, па врз основа на ова Барање од страна на судот издадена е Наредба за претрес на дом на лицето Митко Чавков I КОК ПП бр.417/17 од 28.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.. За извршениот претрес биле составени Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-11842 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР- С. и Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-11803 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР- С. и видно од истите од обвинетиот Митко Чавков одземени се некои предмети кои што се наведени во овој Записник кои што предмети со Потврда за привремено одземени предмети бр.11873/1 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. и Потврда за привремено одземени предмети бр.28-11808 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С., а станува збор за еден поштол марка „CZ“ 75 SP-01SHADOW кал 9х19 мм со сериски број B672321, три рамки за истиот пиштол, еден куршум кал. 9 мм, прибор за чистење на пиштолот, црна кутија за чување на пиштолот со ознака CZ, мобилен телефонски апарат марка „IPHONE“ розе боја со ИМЕИ ..., СИМ картичка од Телеком со број ... и сериски број ... UGD2 со ПИН „2401“.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Основниот суд С. 1 – С. достави Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Митко Пешов КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, по што од страна на Судот е издадена Наредба за претрес на дом на лицето Митко Пешов I КОК ПП бр.388/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С., при што е извршен претрес на домот кај лицето Митко Пешов, а за извршениот претрес бил составен Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.30.47-5047/1-17 од 28.11.2017 година на МВР на

РМ, ПС-ОН К. во кој што се наведени одземените предмети од обвинетиот Митко Пешов. Со Потврда за привремено одземени предмети бр.30.4.7-5042/1/2 од 28.11.2017 година (на две страни) на МВР на РМ, ПС-ОН К. од обвинетиот Митко Пешов одземени се следните предмети: еден мобилен телефон марка „Алкател“ со ИМЕИ бр. ... со СИМ картичка бр. ... со повикувачки број ...; еден мобилен телефон марка „Сони Ериксон“ со ИМЕИ бр ... со СИМ картичка со бр...; еден мобилен телефон марка „Ајфон“ со ИМЕИ бр...; еден мобилен телефон марка „Ајфон 4“ со ИМЕИ ... со СИМ картичка бр ... со повикувачки број ...; еден мобилен телефон „ЗТЕ“ со ИМЕИ број ...; еден компјутер непозната марка, црна боја со оштетен горен капак и едно УСБ надворешна меморија од 2 GB.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Основниот суд С. 1 С. достави Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Душко Лазаров КО бр.66/17 од 27.11.2017 година, по што од страна на Судот издадена е Наредба за претрес на дом на лицето Душко Лазаров I КОК ПП бр.410/17 од 27.11.2017 година. Неспорно е дека извршен е претрес во домот на лицето Душко Лазаров кое нешто произлегува од Записникот за претрес на дом и други простории или лице бр.28.13.1 КДН-3027 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД К.В., А.Д., во кој е наведено дека при претресот не се најдени предмети согласно Наредбата, но пронајдени се други предмети од сомнителен карактер. Со Потврда за привремено одземени предмети бр.23.13.1 КДН-8941/331 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД К.В. А. Д. од обвинетиот Душко Лазаров одземен е еден мобилен телефон марка „Самсунг“ со ИМЕИ бр. ... и СИМ картичка со повикувачки број ... .

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Основниот суд С. 1 – С. достави Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Горан Ѓошевски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година, по што од страна на Судот издадена е Наредба за претрес на дом и други простории на лицето Горан Ѓошевски I КОК ПП бр.420/17 од 28.11.2017 година. За извршениот претрес составени се записници и тоа Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7079 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД К.Вода, А. Д. и Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7079/209 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД К.Вода, А. Д., во кои се наведени предметите кои што се најдени кај обвинетиот. Со Потврда за привремено одземени предмети бр.7080/209 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД К.Вода, А. Д. од лицето Л. Ѓ. одземени се еден мобилен телефон марка „Самсунг НОТ8“ златна боја со ИМЕИ број ... со повикувачки број ... со ПИН ... и еден мобилен телефон марка „Ајфон 7 плус“ сива боја со ИМЕИ број ... со кориснички број ... со ПИН ...

Во домот на обвинетиот Оливер Поповски извршен е претрес на дом врз основа на Наредба за претрес на дом кај лицето Оливер Поповски I КОК ПП бр.411/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С., а наредбата била издадена врз основа на Барање за издавање на наредба

за претрес на дом и други простории на лицето Оливер Поповски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција. По извршениот претрес во домот сочинет бил Записник за претрес на дом и други простории или лице КДН-7059 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, ОКП, СОНК, ЕИНК, а врз основа на Потврда за привремено одземени предмети бр.7060/206 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, ОКП, СОНК, ЕИНК од лицето Оливер Поповски одземени се следните предмети: еден мобилен телефон марка „Самсунг Галакси С7" со ИМЕИ ... , една СИМ картичка со повикувачки број ...; еден мобилен телефонски апарат марка „Самсунг Ноте 4" со ИМЕИ број ..., една СИМ картичка со повикувачки број ....

Основниот суд С. 1 С. издал Наредба за претрес на дом на лицето Оливер Радулов I КОК ПП бр.390/17 од 27.11.2017 година, а врз основа на претходно поднесено Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Оливер Радулов КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција. За извршениот претрес составен бил Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7063 од 28.11.2017 година (на две страни) на МВР на РМ, БЈБ, ОКП, СНТД во кој се наведени пронајдените предмети и истите се одземени со Потврда за привремено одземени предмети бр.7064/234 од 28.11.2017 година (на шест страни) на МВР на РМ, БЈБ, ОКП, СНТД, а се работи за следните предмети: една сообраќајна дозвола за ПМВ со рег ознаки ... сопственост на МВР на РМ со број ...; една метална палка на расклопување; еден нож на кој пишува „USA SABER" со футрола; еден двоглед марка „ZRAK" со број ... RP-7x40; еден апарат команден за светлосна и звучна сигнализација; еден мобилен телефон марка„ HUAWEI" со ИМЕИ ... со СИМ картичка со сериски број ... VGD2 со телефонски број ....; еден мобилен телефон марка „Самсунг" со ИМЕИ ... и ИМЕИ ... со вметната СИМ телефонска картичка ...; еден мобилен телефон марка „Самсунг" со ИМЕИ ...; еден пластичен држач од VIP со впишан телефонски број ...; еден пластичен држач од VIP со телефонски број ..., еден пластичен држач од ОНЕ со телефонски број ...; еден пиштол марка „GLOCK 17" со фабрички број HZD542 со една рамка со 17 куршуми кал. 9 мм; една рамка со 12 куршуми кал 9 мм; една помала рамка за GLOCK со четири куршуми кал 9 мм; едно кутивче во кое има 50 куршуми калибар 9 мм и на кои пишува 9 мм „LUGER"; 10 куршуми калибар 9 мм; три куршуми 7,62 со ознака „СМБ 2001"; еден куршум со ознака „357 MAG"; еден куршум 5,45x45 со зелена боја на зрното; два куршуми ППУ 99 со калибар 7,65 мм; еден гасен куршум со ознака 9 мм PA-K; еден гасен куршум со ознака G.F.V 9x17; една испукана чаура од 9 мм X 19; една радио врска со впишан број UV-5 R BAOFENG; една празна кутија за пиштол „GLOCK 26" калибар 9x19 КС 4065; една празна кутија за „GLOCK 17" кал 9x19 НХ 6218 со прибор за чистење; три празни батерии од кал. 2 за радио врска модел „SEPURA" и една батерија за Моторола; една полициска легитимација со број 14574 на име Оливер Радулов; една картица од МВР на име Оливер Радулов со број 118570; една СИМ

телефонска картичка од VIP со сериски број ...; еден пластичен држач од Т-мобиле со сериски број ...; еден пластичен држач од Т-Мобиле со впишан сериски број ... со еден лист од Телеком за СИМ картица со PIN ...; еден лаптоп марка „HP 250 G1“ со сериски број 5 CG3415FWI PRODUCT HOW 78 EAHABB без батерија и торбица и полнач, еден дигитрон „DIGITAL“ со број 51100390 DIASONIG; еден пиштол марка „CZ75B“ кал 9 мм LUGER со фабрички број 5186L со една рамка со 15 куршуми кал. 9 мм со една футрола.

Основниот суд С. 1 С. издал Наредба за претрес на дом на лицето Мунир Пепиќ I КОК ПП бр.391/17 од 27.11.2017 година. Оваа Наредба е издадена врз основана Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Мунир Пепиќ КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција. За извршениот претрес составен е Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.11804 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. во кој се наведени предметите кои се пронајдени. Воедно составен е и Записник за предавање на пронајдени-одземени предмети бр.11819 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР В. и во овој Записник се наведени предметите кои што се пронајдени-одземени. Во Потврда за привремено одземени предмети бр.11810 1 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. се наведени предметите кои што се одземаат од обвинетиот Мунир Пепиќ, а станува збор за мобилен телефон марка „Самсунг А3“ црна боја со ИМЕИ ..., еден службен пиштол марка „Чешка збројовка“ со бр. 1028У, една рамка со 12 куршуми кал 9 мм и една службена легитимација од Агенција за ... на име Мунир Пепиќ, додека во Потврда за привремено одземени предмети бр.11810 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. стои дека од обвинетиот Мунир Пепиќ е одземен еден боев куршум кал 7,62 мм, еден боев куршум кал 7,9 - карабин и една црна капа – Фантомка

Во домот на обвинетиот Абдуљфета Алими бил извршен претрес што е видно од Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.8622 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К.. Претресот бил извршен врз основа на Наредба за претрес на дом на лицето Абдуљфета Алими I КОК ПП бр.413/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С. . Оваа Наредба е издадена вр основа на Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Абдуљфета Алими КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција. Видно од Потврдата за привремено одземени предмети бр.8623/455 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К. од лицето А.А.одземен е еден мобилен телефон црна боја марка „Sony Ericsson“ со ИМЕИ бр ... со една мемориска картичка М 2 8 G Sony. Еден мобилен телефон црно-сива боја „Нокиа“ со ИМЕИ бр. ... и еден мобилен телефон црна боја марка „Yallo“ со ИМЕИ бр ... со при пејд картичка. Од наведеното лице со Потврдата за привремено одземени предмети бр.8625/140 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К. одземен е еден гасен пиштол 9 мм со број 9-000442; еден тромблонски додаток; пет куршуми за пиштол

разен калибар; еден куршум 7,62 мм за автоматска пушка и еден гасен куршум.

Во текот на постапката беа изведени и доказите Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Иван Цветановски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Иван Цветановски I КОК ПП бр.392/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Потврда за привремено одземени предмети бр.4207 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД-К. и Ѓ.П. и Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.4206 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, ОИД-МД-К. и Ѓ.П. . Овие докази се однесуваат за тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Иван Цветановски, па со оглед да истиот е амнестиран судот нема да се осврне на овие докази.

Со листата на докази од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција беа доставени доказите Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Борис Дамовски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Борис Дамовски I КОК ПП бр.414/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7573 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С., Потврда за привремено одземени предмети бр.7574-251 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. и Потврда за привремено одземени предмети бр.28.14.1-5090 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. -ЕЕКК. Овие докази беа изведени во фаза кога Борис Дамовски беше со својство на обвинет, но со оглед да во меѓу време истиот е амнестиран судот нема да даде никаков осврт на овие докази.

Во поглед на доказите Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Богдан Илиевски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Богдан Илиевски I КОК ПП бр.393/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7575 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. и Потврда за привремено одземени предмети бр.7576/252 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. судот мора да нагласи дека истите се однесуваат за лицето Богдан Илиевски и тие беа изведени како докази во текот на доказната постапка со оглед да истиот во тој период беше со својство обвинет, но имајќи во предвид дека во меѓувреме истиот е амнестиран, судот нема да даде осврт и на овие докази.

Во текот на изведувањето на доказната постапка беа изведени и доказите Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Владо Јовановски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Владо Јовановски I КОК ПП бр.415/17 од

27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-11812 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. и Потврда за привремено одземени предмети бр.28-11813 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С., а сите овие се однесуваат за лицето Владо Јовановски кој во меѓувреме е амнестиран заради што судот нема да се осврнува на наведените докази.

Основниот суд С. 1 С. по поднесено Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Игор Дурловски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција издал Наредба за претрес на дом на лицето Игор Дурловски I КОК ПП бр.394/17 од 27.11.2017 година, а ова е видно од наведените докази.

Изведените докази и тоа Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Стефан Младеноски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Стефан Младеноски I КОК ПП бр.396/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С. и Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28.11.1-11816 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОКСД се однесуваат за тогаш обвинетиот Стефан Младеноски, а сега амнестиран, па со оглед на ова судот нема да даде осврт ниту на овие докази.

Од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до овој Суд доставени се доказите Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Михаел Младеноски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Михаел Младеноски I КОК ПП бр.402/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С. и Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28.11.1-11817 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОКСД, но судот нема да даде никаков осврт на овие докази од причина што истите беа изведени во фаза кога ова лице имаше статус на обвинет, но во меѓувреме истиот е амнестиран.

Судот нема да се осврнува ниту на доказите Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Захарие Симовски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Захарие Симовски I КОК ПП бр.400/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-11807 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. и Потврда за привремено одземени предмети бр.28-11806 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С., од причина што овие докази беа изведени во доказната постапка кога ова лице имаше статус на обвинето лице, но во меѓувреме истиот е амнестиран.

До Основниот суд С. 1 С. било доставено Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Младен Додевски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, па врз основа на ова Барање од страна на судот донесена е Наредба за претрес на дом на лицето Младен Додевски I КОК ПП бр.403/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С. што е видно од наведените докази.

Врз основа на Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Јане Ченто КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, овој суд издал Наредба за претрес на дом на лицето Јане Ченто I КОК ПП бр.404/17 од 27.11.2017 година. На ден 28.11.2017 година извршен бил претрес во домот на обвинетиот Јане Ченто што е видно од Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.8396 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Б. . Видно од Потврда за привремено одземени предмети бр.8396/329 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Б. ПС Прилеп и Потврда за привремено одземени предмети бр.8398/330 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР Б. ПС П. од обвинетиот одземени биле следните предмети: мобилен телефон марка „Самсунг" со ИМЕИ ... со СИМ картица од ВИП бр ...; мобилен телефон марка „Асус" со ИМЕИ ... и ИМЕИ ... со СИМ картичка од ВИП број ... со број ...; СИМ картичка лика мобиле бр. ...; СИМ картичка од ВИП број ... и СИМ картичка ВИП број ...; безбедносна пропусница за Генерален секретаријат на Влада на РМ на име Јане Ченто; Лап топ марка „Леново" со сериски број .. и полнач за лап топ, сигнален пиштол марка „Екол ДИЦЛЕ" со сериски број ... и мобилен телефон марка „Алкател" со ИМЕИ ... со СИМ картица и сим картица бр. ... .

Основниот суд В. издал Наредба за претрес на дом на лицето Горанче Анѓеловски К-ПП бр.208/17 од 25.07.2017 година. За извршениот претрес во домот на обвинетиот Горанче Анѓеловски бил составен Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28.11.2-19 од 25.07.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР ЕНК-ОНКТЛПВП во кој се наведени предметите кои што се пронајдени. Со Потврда за привремено одземени предмети бр.28.11.2-82/1 од 25.07.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР ЕНК-ОНКТЛПВП и Потврда за привремено одземени предмети бр.278 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР В. од обвинетиот одземени се следните предмети: еден мобилен телефон марка „CUBOT RAINBOW" со два имеи ... и ИМЕИ .... кои користат СИМ картица од ОНЕ со број ... со сериски број ... и СИМ картица од ВИП со број ... со сериски број ....; еден лап топ марка „Acer" , модел Extensa 5620/5220 series model No: MS2205 со серски број SIN lxe970c01181200F11 I SNID 81200385720 оштетен на повеќе локации; пиштол револвер М83 застава калибар 357 магнум бр 72716; шест куршуми калибар 357 магнум; спреј PFEFFER KO FOG 1 парче, и две парчиња железен пендрак на расклопување. Од Фотодокументација број 426/17 со 11 фотографии на

МВР на РМ, Криминалистичка техника се гледаат одземените предмети од обвинетиот.

Врз основа на Наредба за претрес на дом на лицето Игор Југ II.К-ПП бр.426/17 од 20.09.2017 година на Основен суд К. извршен е претрес во домот на Игор Југ за што бил составен Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.31.5.1-6811 од 21.09.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР ЕНК-ОНКТЛПВП во кој што се наведени пронајдени предмети во неговиот дом. Со Потврда за привремено одземени предмети бр.31.5.1-6812/365 од 21.09.2017 година (на две страни) на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР ЕНК-ОНКТЛПВП од обвинетиот Игор Југ одземени се следните предмети: еден мобилен телефон марка „Samsung“ бела боја модел CM-J510 FN со мобилен телефоски број ... од АД ВИП со сериски број на СИМ картица ... и мемориска micro SP марка Verbatium 8 GB“ ИМЕИ ...; еден мобилен телефон марка „LG“ црна боја модел К42on со ИМЕИ ... со мобилен телефонски број ... со СИМ картичка од Т Мобиле сериски број ...; еден мобилен телефон марка „Nokia“ модел 2610 тип RA-86 со ИМЕИ ...; еден мемориски USB стик бела боја со назив Data Traveller“ 8 GB марка „Kingston“; еден мемориски USB стик црна боја со назив Verbatim“; еден мемориски USB стик марка „Transcend“ 8 GB црна боја; еден лап топ компјутер марка „Asus“ X551M со сериски броеви ...; еден празен ваучер од СИМ картица од Телеком број ...; една маица со кратки ракави црна боја со назив „HS-HSP ZA DOM SPREMNI“ и еден пар фармерки светло сина боја марка „REPLAY“. Во прилог на овие докази доставено е и едно ЦД со ознака ДФД-17КУ-1099, всушност се работи за 21 фотографија за извршен претрес во стан лоциран на ул. „П.М.Тито“ бр 35/1-6 сопственост на Игор Југ од К., кое е изработено од МВР на РМ Криминалистичка техника.

Доказите Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Илија Славевски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција и Наредба за претрес на дом на лицето Илија Славевски I КОК ПП бр.398/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С. се иведени во текот на доказната постапка во фаза кога лицето Илија Славевски беше со статус на обвинет, но со оглед да истиот во меѓувреме е амнестиран, судот нема да се осврнува на овие докази.

Основниот суд С. 1 С. издал Наредба за претрес на дом на лицето Влатко Трајковски I КОК ПП бр.399/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С. која што е издадена по претходно поднесено Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Влатко Трајковски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција. На ден 28.11.2017 година извршен е претрес во домот на обвинетиот Влатко Трајковски за што е составен Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.3024 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, БЈБ и видно од истиот наведени се сите предмети кои што се пронајдени во неговиот дом, а кои што се одземени со Потврда за привремено одземени предмети бр.3025 од 28.11.2017

година (на три страни) на МВР на РМ, БЈБ. Имено од истиот одземени се следните предмети: сим картичка за мобилен телефон од Т-Мобиле со сериски број ... VA1; една сим картичка за мобиле од Т Мобиле со сериски број ... VA1; сим картична за мобилен од Т-Мобиле со сериски број ... TLG1; сим припејд картичка за мобилен од ОНЕ со сериски број ...; мобилен телефон марка „Siemens A50" со имеи ... без батерија и без сим картичка; еден мобилен телфон марка „Alkatel" на преклоп црн со имеи ... без сим картичка; една картонска кутија за мобилен телефон со натпис ALKATEL PIXI 4 СО ИМЕИ, ALKATEL 4034 X со упатство и гаранција за телефон PIXi 4 со имеи ... и фискална сметка од Хенди Телеком број 00000002 од 21.10.2016 година; мобилен телефон марка „Soni" црн NWUJ016axnb и имети ...-без сим картичка; мобилен телефон марка „Soni ericsson" црн тип ADD-3022061-BV со имеи ...-бе сим; еден мобилен телефон марка „Nokia N 98+" со имеи ... и имеи ... без сим; еден мобилен марка „Alkatel" со црвено капаче ONE touch4030X и бр ... без сим; мемориска картичка SKAN DISK 128 MB црн со број ...; една мемориска картичка microsp 512 MB црн со број MM4GR512VBCA-MA со црн адаптер; пет патрони со ловџиска пушка полни со натпис „BELM" и  CHEDDITE 16 на врвот од патронот; и еден патрон за ловџиска пушка полн со црна боја 4,50 мм и марка TREPCA 16 YU.

Основниот суд С. 1 С. издал Наредба за претрес на дом на лицето Вилијам Михајловски I КОК ПП бр.406/17 од 27.11.2017 година која е издадена врз снова на претходно добиено Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Вилијам Михајловски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција. Неспорно е дека на ден 28.11.2017 година извршен е претрес во домот на обвинетиот Вилијам Михајловски што е видно од Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.8621/17 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К.. Со Потврда за привремено одземени предмети бр.8626/457 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К. од обвинетиот Вилијам Михајловски одземен е мобилен телефон марка Самсунг со имеи ... 01 со сим картичка ... 94 со повикувачки број ...; мобилен телефон марка „Самсунг А3" со имеи ... со сим картичка со сериски број RF8J11DRL8K со повикувачки број ... и хард диск EXCELSTOR, SIN:G4B79JU. Со Потврда за привремено одземени предмети бр.8624/456 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР К. од лицето Б.П. одземен е еден мобилен телефон марка „Самсунг" црн по боја со имеи бр. ... со батерија без сим картичка и еден мобилен телефон марка „Сони Ериксон" црн по боја со имеи бр. ... со батерија без сим картичка.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Основниот суд С. 1 С. доставил Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Трајко Вељаноски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година па врз основа на ова Барање судот издал Наредба за претрес на дом на лицето Трајко Вељаноски I КОК ПП бр.381/17 од 27.11.2017 година.

Согласно Записникот за претрес на дом и други простории или лице бр.28-11801 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. – ЕЕКК извршен бил претрес во домот на лицето Трајко Вељаноски при што во неговиот дом е пронајден еден мобилен телефон марка „Ајфон 7+“ црна боја со имеи ... со сим картичка од Т – Мобиле од телефонски број ... . Овој мобилен телефон со Потврда за привремено одземени предмети бр.28-11800 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С.– ЕЕКК е одземен од лицето Трајко Вељаноски, но со Потврда за вратени предмети КО бр.66/17 од 09.02.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција овој мобилен телефон е вратен на лицето Трајко Вељаноски.

Во поглед на изведениот доказ Потврда за привремено одземени предмети бр.28.11.2-137/1 од 30.10.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНКТЛПВП судот нема да дава анализа на истиот од причина што овој доказ се однесува на тогаш обвинетата, а сега амнестирана Елена Д.Б. . Доказот е изведен во текот на доказната постапка кога истата имаше својствона обвинето лице.

Видно од Потврдата за привремено одземени предмети бр.28.11.2-138/1 од 30.10.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНК од лицето С.К. се одзмени следните предмети: еден мобилен телефон марка „LG-К420in“, црна боја со ИМЕИ ... со сим картица на Телеком со повикувачки број .../ ... .

Изведените докази и тоа Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Владо Јовановски КО бр.66/17 од 05.02.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето Владо Јовановски III КОК ПП бр.31/18 од 07.02.2018 година на Основен суд С.1 С.; Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28.7.1.2-498 од 12.02.2018 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНК, ПСОН-Аеродром и Потврда за привремено одземени предмети КДН-866/32 од 12.02.2018 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНК, ПСОН-А. се однесуваат за тогаш обвинетиот Владо Јовановски, сега амнестиран, па со оглед на ова судот нема да се впуши во анализа на овие докази.

Врз основа на издадена Наредба за претрес на дом на лицето С. М. I КОК ПП бр.398/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С.1 С., а по претходно Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето С.М. КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција бил составен Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.32.4.4-сл 152 од 20.02.2018 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНК, ОНКТЛПВП. Видно од овој Записник при извршениот претрес во домот на лицето С.М. не биле пронајдени предмети од интерес на службата, но видно од Известувањето Д бр.28.11.2-202 од 26.02.2018 година на МВР на РМ, ОЕКР- ЕНК-ОНКТЛПВП при СВР С. и Известувањето рег.бр.32.4.4-987/2 на МВР на РМ, СВР-О., ОКП-Отсек за економски криминалитет, бараниот предмет

мобилен телефонски апарат со ИМЕИ бр... поврзан со настаните случени на 27.04.2017 година во Собранието на РМ во моментот на претресот се наоѓал кај ќерката на лицето С.М., Ј.М. која била во С. и истиот дополнително е предаден од нејзина страна во ПС К.В., за кое било изготвена Потврда за привремено одземени предмети бр.28.11.2/04-13/1 од 20.02.2018 година на МВР на РМ, СВР С., ЕНК-ОНК, од која се гледа дека од лицето Ј.М. одземен е еден мобилен телефон марка „IPHONE“ модел 6S+ со IMEI ... . Од Фотодокументација без број со 4 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка техника се гледа одземениот предмет од лицето Ј.М. .

Согласно доставеното Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето С.Д. КО бр.66/17 од 05.02.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Основниот суд С.1 С., од страна на судот била издадена Наредба за претрес на дом на лицето С.Д. III КОК ПП бр.30/18 од 07.02.2018 година, при што бил извршен претрес во домот на лицето С.Д., видно од Записникот за претрес на дом и други простории или лице бр.30.4.2.260/1 од 20.02.2018 година на МВР на РМ, СВР В. во кој е наведен пронајдениот предмет и тоа еден мобилен апарат марка „Самсунг“ со ИМЕИ бр... Видно од Потврдата за привремено одземени предмети бр.34 од 20.02.2018 година на МВР на РМ, СВР В., ОКП-ООК наведениот предмет е одземен од лицето С. Д. и истиот се гледа на Фотодокументацијата број 115/18 со 9 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка техника меѓу кои се гледа и општиот изглед од лице место на настанот и местоположба на домот на лицето С.Д., доставена во прилог на писмениот допис-Доставен акт рег.бр.30.4.5-929 од 26.02.2018 година на МВР на РМ, Сектор за внатрешни работи.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција со Барање за доставување на податоци КО бр.66/17 од 28.02.2018 година, побарало од МВР на РМ, СВР С., ОЕКР, ЕНК С. заради потребите на истражната постапка да бидат доставени видео записите од Телевизија Алфа, Телевизија Телма, Единица за брзо распоредување и од Крим техника, кои се однесуваат на настаните во Собранието на РМ на 27.04.2017 година. Со Известување Д.бр.28.11.2-273 од 08.03.2018 година на МВР на РМ, ЕНК-ОНК при СВР С. доставени се бараните податоци и тоа: 8-осум ДВД од телевизија Телма (1, 2, 3, 4-а, 4-б, 4-ц, 5, 6); 1-едно ДВД од Телевизија Алфа, 8-осум ДВД од Крим-техника (20170421-1, 20170424-1, 20170425-1 камера 1, 2, 3, 20170426-1 и 20170427-1, 2, 3) и 1-едно ДВД од Единица за брзо распоредување.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција се обратило и до Генералниот секретар на Собранието на РМ со писмено Барање за доставување податоци КО бр.66/17 од 21.12.2017 година и побарало доставување на спецификација на одземените хард дискови отстранети на 27.04.2017 година, од просторија за мониторинг и внатрешно обезбедување бр.103, од каде со допис насловен како Одговор на барање бр.08-4693/5 од 22.12.2017 година на Собранието на РМ добиено е

известување дека одземените хард дискови отстранети на 27.04.2017 година биле со следната спецификација: Тврд диск HDD WD 4 TB SATA 3 64 Mb-2 парчиња.

На ден 19.07.2017 година од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до МВР на РМ, Оддел за информатика и телекомуникации С. била издадена Наредба РО бр.81/17 со која се бара доставување на известување од страна на Одделот за информатика и телекомуникации во однос на телефонските разговори и сите остварени комуникации, како и комуникациите остварени преку ТЕТРА СИСТЕМОТ во ЕИК за критичниот ден во период од 17,00 до 24,00 часот. По однос на ова, МВР на РМ доставило Известување рег.бр.11-49509/2 од 20.07.2017 година до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, видно од кое известуваат дека остварената комуникација и телефонски разговори преку јавните телефонски мрежи треба да се побараат од јавните телекомуникациски оператори согласно листа на учесници од интерес (конкретни телефонски броеви), дека телефонската мрежа сопственост на МВР за конкретни телефонски броеви може да даде испис на повици на внатрешни телефонски линии со внатрешни броеви или јавни броеви и дека за телефонските броеви во употреба во штабот на Оперативната акција „Платформа“ (4493, 4494 и 3140 факс линија) за наведениот период од 17:00 до 24:00 часот на 27.04.2017 година состојбата била следна: 4493 нема остварено појдовни повици, но ги има добиено дојдовните повици 6196 во 17:25 и 6178 во 18:40; 4494 нема остварено ниту дојдовни, ниту појдовни повици и 3140 нема остварено ниту дојдовни, ниту појдовни повици, а неодговорените повици не се регистрираат. Од овој доказ произлезе и дека во однос на комуникацијата преку пораки било извршено вадење на податоците за групни СМС пораки од два компјутера инсталирани во Единицата за известување и командување на СВР С. и Одделот за заштита на определени личности и објекти, а поврзани со настаните во наведениот период на 27.04.2017 година и овие СМС пораки содржеле податоци од ТЕТРА системот кои дежурните служби ги добивале преку ТЕТРА системот и ги доставувале до одредени личности кои ги доставуваат во прилог на актот. Во однос на комуникацијата преку ТЕТРА системот на МВР на 27.04.2017 година известуваат дека во наведениот период од 17:00 до 24:00 часот, како и во текот на целиот ден, ТЕТРА системот бил исправен и функционален без констатирани дефекти на територијата на градот С. и истиот бил целосно на располагање на сите учесници во акцијата за нивна комуникација и координација, при што наведено е дека бил констатиран проблем од конфигурациска природа во овој потсистем со појаснување дека самата конфигурација и управување со гласовното снимање се состои од две компоненти и тоа: конфигурација на говорни групи и претплатници (крајни корисници) која ја конфигурираат и управуваат стручни лица на МВР како оператори на ТЕТРА системот во РМ и конфигурација на инфраструктурата која ја извршува единствено стручно лице на сервисно ниво 3 од страна на производителот на опремата (HYTERA Mobilfunk GmbH). При имплементацијата на третата

фаза на проектот и изведување на завршните конфигурирања на мрежата во текот на 2014 година, потсистемот за гласовно снимање не се менувал ниту надградувал, но во рамките на оваа фаза меѓу другото се вршела замена на сите базни станици на подрачјето на градот С. со нови базни станици со зголемен капацитет и перформанси, во текот на кој процес стручното лице на сервисно ниво 3 направило пропуст во конфигурацијата кој резултирал со недостаток на гласовно снимање на новите базни станици испорачани во оваа фаза на проектот, а гласовното снимање на сите стари базни станици испорачани со претходните две фази на проектот било исправно и продолжило да функционира без проблеми. Видно од овој доказ е и дека од техничкиот извештај на експертот ангажиран од фирмата производител на опремата HYTERA Mobilfunk GmbH произлегувало дека делот што го конфигурирале и управувале експертите на МВР бил исправно направен и не влијаел на констатираната аномалија на потсистемот за гласовно снимање (позиција 1.2, алинеја 2: General overview via NMC-512), како и дека не биле констатирани некакви активни аларми за споменатата аномалија (позиција 1.2, алинеја 1: General overview via NMC-511) или констатирани недостатоци на TVR серверот или пак извршени упади во потсистемот за гласовно снимање заради бришење на снимените податоци (позиција 1.2, алинеја 4: Check TVR Server), од кое произлегувало дека не се работи за неисправност на потсистемот за гласовно снимање туку за негова несоодветна конфигурација, а по извршената дијагностика на експертот ангажиран од фирмата производител по координација со неговите претпоставени, истиот извршил повторно конфигурирање и наведената аномалија била отстранета, па во периодот од 10.05.2017 година до денес потсистемот за гласовно снимање функционирал исправно и целосно исто како и целокупниот ТЕТРА систем во МВР. Во прилог на овој доказ доставено е и ЦД со ознака Прилози ОЈО РО бр.81/17, во кое се содржани снимени аудио записи и записи за регистрација од ТЕТРА мрежата; комуникација преку внатрешни телефонски линии во Штабот на акцијата; исписи на СМС пораки од ЦИК на СВР С. и ОЗОЛО и експертски извештај од HYTERA Mobilfunk GmbH.

Видно од Известувањето бр.28.14.2-5103 од 29.11.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, СВР С. , Единица за економски и компјутерски криминал известено е ОЈО за гонење организиран криминал и корупција дека на ден 28.11.2017 година постапено е по издадената Наредба I КОК.ПП.бр.387/17 од 27.11.2017 година, издадена од судот за претрес на дом и други помошни простории кај обвинетиот Митко Чавков и за истиот изготвена е фотодокументација доставена во прилог. На Фотодокументацијата број 4246/2017 од 28.11.2017 година со 8 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника, СВР С. , Единица за увид на место на настан и анализи освен пронајдените предмети се гледа и општиот изглед од лице место на настанот и местоположба на домот во кој е извршен претресот.

Со Наредбата РО бр.81/17 од 14.07.2017 година ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција побарало од МВР на РМ, БЈБ, СВР С., Единица за информации и команда доставување известување од страна на Секторот за известување и координација на состојби кон кого и со каква содржина биле испраќани телефонските разговори критичниот ден, односно на 27.04.2017 година во период од 17 до 24 часот. Постапувајќи по издадената наредба, МВР на РМ, СВР С. доставило писмено известување до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција насловено како Доставување податоци рег.бр.28-6694/2 од 17.07.2017 година, со кое известуваат дека Единицата за информации и команда не располага со снимен материјал од телефонски разговори кои биле реализирани на внатрешните линии, ниту поседуваат снимени разговори од радиоврските. Во прилог на наведеното писмено известување доствени се 20 текстуални пораки, со време на испраќање и кон кого се испратени, а овој доказ е на 7 страници. Пораките се со содржина: „на 27/04/2017 г.во 17,00 ч. Пред Влада на РМ започна протестот организиран од страна на Здружение За заедничка М., присутни околу 300 граѓани, 3 градежни машини и 2 ТМВ и блокиран сообраќајот во двата правца“, време 27.04.2017 17:10:01. Втората порака е со содржина „Бројката на присутните граѓани се зголеми на 700 пред Влада на РМ“. Време 27/04/2017 17:36:17. Третата порака е со содржина: „Во 17,45 ч. Собраните граѓани од Здружение За заедничка М. во бројка од 1500 имаат старт, почетоко на движење по бул.ВМРО према Собрание на РМ“. Време 27/04/2017 17:45:08. Четвртата порака е со содржина „Граѓаните од За заедничка М. се наоѓаат пред Собрание на РМ“. Време 27/04/2017 18:17:54. Петата порака е со содржина „Во 18,20 ч. Од страна на насобраните граѓанио на неколку места пред Собрание на РМ, насилно е повлечена заштитаната ограда, но не е пробиена. Ситуацијата за сега е под контрола“. Време 27/04/2017 18:27:33. Шестата порака е со содржина „Во 18,45 ч. од страна на насобраните граѓани на неколку места преде Собрание на РМ, насилно е повлечена заштитната ограда и повеќето лица ја пробиле оградата и влезени се во просторот позади заштитната ограда и се наоѓаат пред главниот влез на Собрание на РМ со намера да влезат внатре. Истовремено има и фрлање на тврди предмети и шишиња кон Собранието и полициските службеници“. Време 27/04/2017 18:55:52. Седмата порака е со содржина „Помеѓу насобраните граѓани од Здружението За Заедничка М., забележани се лица во црни униформи со тактички елеци и црни фантомки на главата“. Време 27/04/2017 19:01:30. Содржината на осмата порака е „Помеѓу насобраните граѓани од Здружението За Заедничка М., забележани се лица во црни униформи со тактички елеци и црни фантомки на главата“. Време 27/04/2017 19:03:32. Содржината на деветтата порака гласи: „Во моментов има неколку лица влезено внатре во објектот на Собранието на РМ и голем притисок на останатите граѓани на сите влезови од Собранието“. Време 27/04/2017 19:11:45. Десеттата порака е со содржина: „Од страна на одговорниот т. 202 во,10 ч. телефонски бевме известени дека ситуацијата во Собранието

на РМ не може да се контролира и дека се потребни дополнителни служби. Исто така внатре има повредени 1 пратеник и 2 пратенички како и 5 колеги од внатрешно обезбедување на Собранието. Внатре е пратена и екипа на ИМП но истата не може да се пробие до повредените лица од страна на масата“. Време 27/04/2017 20:17:31. Следната порака е со содржина „Од страна на одговорниот т.202 во 20,10 ч. телефонски бевме известени дека ситуацијата во Собранието на РМ не може да се контролира и дека се потребни дополнителни служби. Исто така внатре има повредени 1 пратеник 2 пратенички како и 5 колеги од внатрешно обезбедување на Собранието. Внатре е пратена и екипа на ИМП но истата не може да се пробие до повредените лица од страна на масата“. Време 27/04/2017 20:18.20. Наредната порака е со содржина „Од страна на СИКС при МВР информирани сме дека од В. тргнати се 2 автобуси и 1 автобус и 2 комбиња од Ш. и неколку пмв од бројка од околку 200 граѓани кои ќе се приклучат на протестот За заедничка М.“. Време 27/04/2017 20:27:59. Во склоп на оваа 12-та порака има уште една порака со содржина „Од страна на СИКС при МВР, информирани сме дека од В. тргнати се 2 автобуси 1 автобуси 2 комбиња и неколку ПМВ од бројка од околу 200 граѓани кои ќе се приклучат на протестот За заедничка М.“. Време 27/04/2017 20:28:58. Тринаесеттата порака е со содржина „Добиена е информација дека се повредени следните пратеници З.С. – повреди на главата, Р. Ш. – расекотини и М. Ѓ. – набиеници по долните екстремитети, Началникот на внатрешно обезбедување, истите не се сеуште евакуирани. Према нив се пробива екипа на ИМП и УПС. Исто така има повредени повеќе УПС од ЕБР, од внатрешно обезбедување и од ПС, како и новинар од ТВ 21 и повеќе лица демонстранти“. Време 27/04/2017 20:35:03. Следната порака е со содржина „Добиена е информација дека се повредени следните пратеници З.С. – повреди на главата, Р.Ш. – расекотини и М.Ѓ. – набиеници по долните екстремитети, Началникот на внатрешно обезбедување, истите не се сеуште евакуирани. Према нив се пробива екипа на ИМП и УПС. Исто така има повредени повеќе УПС од ЕБР, од внатрешно обезбедување и од ПС, како и новинар од ТВ 21 и повеќе лица демонстранти“. Време 27/04/2017 20:36:48. Наредната порака е со содржина „До 21,15 ч. на 27.04.2017 во ГОБ Св. Наум Охридски, помош побарале 10 лица – демонстранти, полесно повредени, а 1 лице е неконтактибилно и 3 УПС со телесни повреди“. Време 27/04/2017 21:17:48. Следната порака е со содржина „До 21,15 ч. на 27.04.2017 во ГОБ Св. Наум Охридски, помош побарале 10 лица – демонстранти, полесно повредени, а 1 лице е неконтактибилно и 3 УПС со телесни повреди“. Време 27/04/2017 21:19:49. Седумнаесеттата порака е со содржина „Добиена информација дека организирано на наплатна рампа Петровец пристигнуваат 16 ПМВ и 1 Минибус со цел да се приклучат на протестот За заедничка М.“. Време 27/04/2017 21:33:44. Следната порака е со содржина „Добиена информација дека на патарина Петровец се организираат 32 ПМВ и 1 Минибус а на патарина Миладиновци 10 ПМВ кои сакаат да им се приклучат на демонстрантите пред Собрание“ Време

27.04.2017 22:27:20 Наредната порака е со содржина „Информација до 23:25 часот за пријавени повредени УПС во Градска Болница 2 УПС од ЕБР и 1 од внатрешно обезбедување во Собрание и околу 40 граѓани – демонстранти, Во Ургентен Центар 8 УПС од ЕБР 1 УПС од ПО А. и околу 30 граѓани – демонстранти, ГОБ 8 Септември 1 УПС од ПЕП В. Н.Г. и 1 УПС ЕБР С.Б.“. Време 27/04/2017 23:32:51. Последната порака е со содржина „Во моментов во Собрание на РМ нема повеќе граѓани, а пред Собранието има околу 5000 луѓе“. Време 27/04/2017 23:40:17.

Од претходно наведените пораки јасно се гледа што се случувало на 27.04.2017 година почнувајќи од 17:00 часот заклучно со 23:40:17 часот. Меѓу останатото судот посебно ќе нагласи дека уште во 18:20 часот веќе има насилно влечење на заштитната ограда, за да во 18:45 часот на неколку места од страна на насобраните граѓани веќе била повлечена заштитната ограда и масата народ ја пробиле оградата при што тие веќе се наоѓале во просторот позади заштитната ограда и пред главниот влез на Собранието на РМ при што истите биле насилни, а меѓу нив уште пред да влезе масата народ во Собранието се забележани лица во црни униформи со тактички елеци и црни фантомки на главата. Сето ова требало да биде јасен показател дека требало да се превземе конкретна акција од страна на полицијата, а секако дека за се ова што се случувало уште кај заштитните огради бил информиран и Оперативниот штаб, па неспорно е дека требало да биде превземена конкретна акција за спречување на дејствијата кои што дополнително се случија.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција издало и Наредба РО бр.81/17 од 14.07.2017 година до МВР на РМ, БЈБ, со која бара доставување известување од страна на Секторот за известување и координација на состојби кон кого и со каква содржина биле испраќани телефонските разговори кртичниот ден, односно 27.04.2017 година во период од 17 до 24 часот. Со Известување рег.бр.22.7-03/170 од 18.07.2017 година на МВР на РМ, БЈБ, Сектор за известување и координирање на состојби ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција известено е дека на 27.04.2017 година во врска со настаните случени во Собранието на РМ, Секторот за информирање и координација на состојби во периодот од 17,00 до 24,00 часот према корисниците на информации од МВР испратил вкупно 13 СМС пораки преку електронскиот систем за дистрибуција на информации по следниот редослед и содржина: 1. во 17,15 часот - Околу 500 граќани од Здружението „За заедничка М.“; 2. во 18,20 часот - Околу 1500 граќани од Здружението „За заедничка М.“ пристигнаа пред објектот на Собранието на РМ; 3. во 18,40 часот – Дел од насобраната маса пред Собранието на РМ ја отстрани заштитната ограда и е непосредно пред вратите на главниот влез на Собранието на РМ и влегуваат во објектот; 4. Во 20,18 часот-Од страна на одговорниот т.202 во 20,10 часот телефонски бевме известени дека ситуацијата во Собранието на РМ не може да се контролира и дека и се потребни дополнителни служби. Исто така внатре има повредени 1

пратеник и 2 пратенички како и 5 колеги од внатрешно обезбедување на Собранието. Внатре е пратена и екипа на ИМП но истата не може да се пробие до повредените лица од страна на масата; 6. во 20,29 часот – Од страна на СИКС при МВР, информирани сме дека од В. тргнати се 2 автобуси и 1 автобус и 2 комбиња од Ш. и неколку ПМВ од бројка од околу 200 граѓани кои ќе се приклучат на протестот „За заедничка М.“; 7. Во 20,36 часот – Добиена е информација дека се повредени следните пратеници З.С.-повреда на главата, Р.Ш.-расекотини и М.Ѓ.-набиеници по долните екстремитети, Началникот на внатрешното обезбедување, истите не се сеуште евакуирани. Према нив се пробива екипа на ИМП и УПС. Исто така има повредени повеќе УПС од ЕБР, од внатрешното обезбедување и од ПС, како и новинар од ТВ 21 и повеќе лица демонстранти; 8. Во 21,29 часот-До 21,15 часот на 27.04.2017 година во ГОБ „Св.Наум Охридски“ помош побарале 10 лица –демонстранти полесно повредени, а едно лице е неконтактибилно и 3 УПС со телесни повреди; 9. Во 21,35 часот-Добиена информација дека организирано на наплатната рампа Петровец пристигнуваат 16 ПМВ и 1 Мини бус, со цел да се приклучат на протестот „За заедничка М.“; 10. Во 22,00 часот-Од страна на лицето Д.Т. пријавено е дека од страна на НН стрител со камења е завршено оштетување-скршено е стакло на штабот на ВМРО-ДПМНЕ, лоциран на ул.Цветан Димов бб 11. Во 22,28 часот – Добиена информација дека на патарина Петровец се организираат 32 ПМВ и 1 мини бус, а на патарина Миладиновци 10 ПМВ кои сакаат да им се приклучат на демонстрантите пред Собранието на РМ; 12. Во 23,34 часот –Информација до 23,25 часот за пријавени и повредени УПС во Градска Болница 2 УПС од ЕБР и 1 од внатрешно обезбедување во Собрание и околу 40 граѓани-демонстранти, во Ургентен центар 8 УПС од ЕБР, 1 УПС од ПО-Арачиново и околу 30 граѓани-демонстранти, ГОБ 8 Септември 1 УПС од ПЕП В. Н. Н. и 1 УПС ЕБР С.Б. и 13. Во 23,41 часот-Во мометот во Собранието на РМ нема повеќе граѓани, а пред Собранието има околу 5000 луѓе, со појаснување дека пораките со реден број 5 до 13 покрај тоа што биле електронски дистрибуирани до корисниците, во печатена форма редовно биле доставувани и до Оперативниот штаб на МВР. Во прилог на наведениот доказ доставен е и Прилог I-Информирани корисници во МВР на РМ на една страна, од кој е видно дека информирани корисници биле 39, меѓу кои се и обвинетите Душко Лазаров, Митко Пешов и Митко Чавков. Видно од Известувањето бр.28.11.2-1333 од 23.05.2017 година од страна на на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР, Единица за насилен криминал, Одделение за насилен криминал до Основниот јавен обвинител било извршено дополнување на кривичната пријава заведена во МВР под бр.28.11.2-1001 од 29.04.2017 година, за кривично дело Учество во толпа што ќе изврши кривично дело по чл.385 од КЗ, извршено на ден 27.04.2017 година пред и во Собранието на РМ, при што биле доставени две ЦД со видео запис од безбедносни камери поставени на СТБ АД С. лоцирана во Градски трговски центар на ул.„Кеј 13 Ноември“.

На барање на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција и тоа Барање за доставување податоци КО бр.66/17 од 29.01.2018 година испратено до СИ-КОН ДООЕЛ В., Подружница Камуфлаж МК С., од наведеното правно лице било побарано доставување на податоци во смисла да се достават целокупните исписи од фискални сметки за ден 27.04.2017 година, по кое е постапено од страна на СИ-КОН ДООЕЛ В. со писмен допис насловен како Одговор по барање за доставување податоци бр.03-57 од 01.02.2018 година и во прилог на истиот доставени се Фискална сметка број 10, фискална сметка број 11 и фискална сметка број 8 на Камуфлаж.мк С., Коминтент СИ-КОН ДООЕЛ увоз-извоз В. за ден 27.04.2017 година, од кои се гледа дека на наведениот датум биле купени 24 маски фантомки типизирани како Маска balaclava 1 hole black и 31 маска Маска balaclava 3 -hole black и за истите е платена сума во вкупен износ со пресметан ДДВ од 15.950,00 денари.

Дел од набавените маски биле делени од страна на обвинетиот Горанче Анѓеловски, а кое нешто произлезе од 5-те фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка техника од кои е сочинета Фотодокументацијата без број од 12.06.2017 година. Ова нешто произлегува и од Известувањето бр.28.11.2-1694 од 14.06.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОНК при СВР С.доставено по издадена Наредба КО1 бр.307/17 од 13.06.2017 година на Основното јавно обвнителство С. со која се бара по однос на осомниченото лице Горанче Анѓеловски да бидат доставени материјални докази-фотографии, како и снимка од безбедносните камери на СТБ доколку ова лице го има на таа снимка. Имено, видно од Известувањето бр.28.11.2-1694 од 14.06.2017 година на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОНК при СВР С. ОЈО од С. известено е дека од извршените проверки и прегледи било утврдено дека пријавениот Горанче Анѓеловски околу 18,40 часот дошол пред УО „Дион“ со повеќе НН лица каде се сретнал со групата и во 18,48 часот заедно со групата заминал према Собранието на Р.М. и притоа на дел од присутните во групата им дели црни маски (фантомки), (Видео запис ЦД-Пред телеком-СТБ-време 19:48 до 19:49 часот, ЦД-е Банка во 19:48), за што во прилог е доставена и Фотодокументација без број од 14.06.2017 година со 5 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника, од која повторно се гледа присуството на обвинетиот Горанче Анѓеловски кој што е во присуство на повеќе лица, а во раката има книжна кеса од која што дели маски.

Видно од Фотодокументацијата без број и датум со 15 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа обвинетиот Горанче Анѓеловски на сите 15 фотографии и тоа истиот е во холот на Собранието на скалите каде ги поминува полициските службеници и оди нагоре по скалите. Истиот се турка помеѓу поставените полицајци и е меѓу првите од поголема група на луѓе кој што се пробива и се качува по скалите.

Од страна на МВР на РМ, СВР С., ОЕКР-ЕНК-ОНК при СВР С. до ОЈО С. доставено е писмено Известување бр.28.11.2-1371 од 29.05.2017 година и согласно истото од нивна страна при извршено дополнително

прегледување на видео записите, односно при извршено дополнително прегледување на видео запис од собраниски камери ЦД со наслов УСБ 7 – New Folder 2 –фајл Analog 13 18 00 00 04 27.2.mp4 во времето од 00:23:11 до 00:23:51 се гледа како лицето Влатко Трајковски во еден од ходниците до лифтот внатре во Собранието со тупаници физички напаѓа НН машко лице, дејствие кое не било опфатено во нивното известување бр.28.11.2-1042 од 02.05.2017 година. Во прилог на ова известување доставиле и Фотодокументација без број од 26.05.2017 година со 7 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника насловена како Дополнение фотоалбум за лицето Влатко Трајковски, па видно од оваа фотодокументација се гледа обвинетиот Влатко Трајковски облечен во црни пантолони, црна блуза со долги ракави и маскирно елече како покрај лифтот физички напаѓа НН машко лице, а тоа е всушност идентично со снимките од наведеното ЦД кое што и претходно беше анализирано.

На Фотодокументацијата без број од 12.06.2017 година со 10 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа повторно обвинетиот Влатко Трајковски облечен во црни пантолови, црна блуза со долги ракави и маскирно елече како се движи меѓу група луѓе, истиот се гледа и пред кафичот „Дион", а се работи за фотографии направени на 27.04.2017 година. На сликите 5,6 и 7 е всушност прикажан и обвинетиот Горанче Анѓеловски.

Во текот на доказната постапка како докази беа изведени и Известување бр.28.11.2/01-1608 од 12.06.2017 година на МВР на РМ, СВР С.-ОЕКР-ЕНК-ОНКТЛПВП; Наредба КО1 бр.282/17 од 08.06.2017 година на ОЈО С.; Известување бр.28.11.2-1042 од 12.06.2017 година на МВР на РМ, СВР С.-ОЕКР-Единица за насилен криминал, Одделение за насилен криминал и Фотодокументација без број и датум со 14 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника, но судот мора да нагласи дека сите овие докази се однесуваат за лицето Илија Славевски кој во моментот на изведувањето на доказите имаше својство на обвинет, но со оглед да во меѓувреме истиот е амнестиран судот нема да даде осврт на овие докази.

Доказот Фотодокументација без број и датум со 7 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника, се однесува на обвинетиот Јане Ченто и од доставените фотографии јасно се гледа дека овој обвинет се наоѓа во Прес салата, а на последната седма фотографија се гледа З.З. како е навален со главата надолу и е потклекнат.

Согласно писмениот допис насловен како Доставување податоци број 26-4609/2 од 20.07.2017 година од МФ, Управа за јавни приходи, Регионална дирекција П., според електронската евиденција за работно време на УЈП, Регионална дирекција П. вработениот Јане Ченто на ден 27.04.2017 година не се евидентирал на електронскиот читач за работно време, за почеток на работното време, но истиот бил на работа и вршел активности од областа на извршени градежни и санациони работи на објектот на УЈП, РД Прилеп како член на Комисијата за прием на услугите за тековно

санационо одржување на објектот на УЈП-Регионална дирекција П. . Вработениот бил на работа се до 16,00 часот кога побарал и добил дозвола за излегување, но не се евидентирал на електронскиот читач за работно време за излез. Истиот на наведениот датум не бил пратен на службен состанок во УЈП, РД С. . Со овој допис им биле доставени и докази.

Од писмениот допис Доставување податоци број 12-5326/2 од 25.07.2017 година од МФ, УЈП, Генерална дирекција С. доставен до ОЈО С. известуваат дека УЈП-ГД-Единицата професионални стандарди, ќе ги превземе сите должни службени дејствија и ќе бара да се иницира постапка за утврдување на дисциплинска одгворност поради повреда на Правилникот за евидентирање на работното време на вработените во УЈП и Процедурата за следење на редовност и присуство на работното место во УЈП.

Од страна на МВР на РМ, ЕОКР-ЕНК-ОНК при СВР С. до ОЈО С. доставено е Известување бр.28.11.2-1235 од 15.05.2017 година, со кое доставуваат 8 УСБ од внатрешните безбедносни камери(оригинали) Сервисен налог 30/17 (копија) со оглед да претходно им бил доставен оргиналот и 2 писма –достави на видео запис од Собранието на РМ.

Од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција врз основа на чл.39 ст.2 и чл.236 ст.3 од ЗКП била издадена Наредба за вештачење на мобилни телефони РО бр.81/17 од 31.10.2017 година со цел да се изврши вештачење на мобилни телефони и тоа мобилен телефон марка LG модел К420 N со ИМЕИ бр... и сериски број на СИМ картичка ... VGD2;мобилен телефонг Samsung S7 со ИМЕИ бр.... и сериски број R58J13JFPJTсо Сим картичка со телефонски број ... и микро SD картичка SAN DISK ULTRA 16GB. Притоа со оваа наредба се бара да се изврши вештачење, односно да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на смс или ммс пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на

јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

ОЈО С. врз основа на чл.39 ст.2 и чл.236 ст.3 в.в. со ст.1 и 5 од ЗКП издало Наредба за вештачење КО1 бр.307/17 од 26.07.2017 година и со оваа наредба бара да се изврши вештачење на мобилен телефон марка Cubot Rainbow кој користи ИМЕИ 1: ... и ИМЕИ 2: ... во кој биле пронајдени 2 СИМ картици со мобилни телефонски броеви ... и ... и на Лап топ марка Acer модел Ehtensa 5620/5220 series-model no: ms2205soS/N: LHE970C01181200F112000 I SNID: ... . Овие предмети се одземени од обвинетиот Горанче Анѓеловски. Со вештачењето се бара да се утврди за мобилниот телефон со СИм картичките да се изврши вештачење со цел документирање на Viber, Facebook, messinger, whats up, skype и друг вид на коминкацијата преку социјалните мрежи утврдување на појдовни, дојдовни повици, СМС пораки, именик како и документирање на фотографии, видео и друг вид зачувани записи. За лап топот вештачењето било со цел документирање на Facebook и Skype и друг вид комуникација преку социјланите мрежи како и документирање на фотографии, видео и друг вид зачувани записи. Вештачењето според оваа наредба треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС; Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Министерството за внатрешни работи на РМ, СВР С. , ОЕР, ЕНК, ОНК доставено е Барање за доставување на привремено одземени предмети и вештачење РО бр.81/17 од 09.08.2017 година, со кое што се бара да им бидат доставени вештачењата заедно со привремено одзмените предмети и тоа еден мобилен телефон и еден преносен компјутер.

Согласно Наредбата за вештачење на мобилен телефони РО бр.81/17 од 28.09.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон одземен од лицето А.З. со Потврдата за привремено одземени предмети бр.28.11.2-113/1 од 28.09.2017 година, а се работи за мобилен телефон марка „IPHONE“ црно-сива боја 6 плус, со ИМЕИ ... и СИМ картичка со претплатнички број ... . Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани

записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер;  постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилни телефони РО бр.81/17 од 10.10.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон Samsung модел: SM-G350 со ИМЕИ бр... и ПИН на отклучување за истиот е 2203 и мобилен телефон Samsung A5 модел: SM-A500FU со ИМЕИ број ... и сериски број ...  и микро Sdcard марка Kingstone со капацитет 32Gb и сериски број на истиот 1503PX77434. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер;  постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Младен Додевски КО бр.66/17 од 26.02.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка SAMSUNG J2, со ИМЕИ 1 бр... и ИМЕИ 2 бр... со Сим картичка VIP со сериски број ... Со ова вештачење се бара да се изврши информатичко-форензичка анализа на содржината на телефоните и да се утврдат: влезни-излезни повици-остварени и неостварени, пратени и примени СМС и ММС пораки и други контакти, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки и

повикувани броеви-описно, времетраење на разговорот, пренасочени повици и слично; постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни и телефонски броеви, СМС и ММС – пораки, со мобилни телефонски броеви, време и дата, како и содржина на СМС и ММС пораките; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber, G-talk, Hangouts и Whats App; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 26.02.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција потребно е да се изврши вештачење на мобилен телефон марка IPHONE 6 S+, со ИМЕИ бр... . Со ова вештачење се бара да се изврши информатичко-форензичка анализа на содржината на телефонот и да се утврдат: влезни-излезни повици-остварени и неостварени, пратени и примени СМС и ММС пораки и други контакти, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки и повикувани броеви-описно, времетраење на разговорот, пренасочени повици и слично; постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, СМС и Ммс – пораки, со мобилни телефонски броеви, време и дата, како и содржина на СМС и ММС пораките; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber, G-talk, Hangouts и Whats App; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од Илија Славевски КО бр.66/17 од 26.02.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, потребно е да се изврши вештачење на мобилен телефон марка Nokia, со ИМЕИ бр.... одземен од Илија Славевски. Со ова вештачење се бара да се изврши информатичко-форензичка анализа на содржината на телефонот и да се утврдат: влезни-излезни повици-остварени и неостварени, пратени и примени СМС и ММС пораки и други контакти, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки и повикувани броеви-описно, времетраење на разговорот, пренасочени повици и слично; постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, смс и ммс – пораки, со мобилни телефонски броеви, време и дата, како и содржина на СМС и ММС пораките; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber, G-talk, Hangouts и Whats App; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Со Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 07.02.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, потребно е да се изврши вештачење на мобилен телефон марка HUAWEI VNS-L 21 со ИМЕИ бр.... и со СИМ картичка од мобилен оператор Т-Мобиле со сериски број ... VGD 2. Со ова вештачење се бара да се изврши информатичко-форензичка анализа на содржината на телефонот и да се утврдат: влезни-излезни повици-остварени и неостварени, пратени и примени СМС и ММС пораки и други контакти, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки и повикувани броеви-описно, времетраење на разговорот, пренасочени повици и слично; постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, смс и ммс – пораки, со мобилни телефонски броеви, време и дата, како и содржина на СМС и ММС пораките; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber, G-talk, Hangouts

и Whats App; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Видно од Наредбата за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 13.02.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, потребно е да се изврши вештачење на мобилен телефон марка NOKIA RM-1037 црна боја со ИМЕИ бр.... . Со ова вештачење се бара да се изврши информатичко-форензичка анализа на содржината на телефонот и да се утврдат: влезни-излезни повици-остварени и неостварени, пратени и примени СМС и ММС пораки и други контакти, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки и повикувани броеви-описно, времетраење на разговорот, пренасочени повици и слично; постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, СМС и ММС – пораки, со мобилни телефонски броеви, време и дата, како и содржина на СМС и ММС пораките; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber, G-talk, Hangouts и Whats App; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 19.02.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, потребно е да се изврши вештачење на мобилен телефон марка IPHONE 6 со ИМЕИ бр.... и со СИМ картичка со сериски број ... . Со ова вештачење се бара да се изврши информатичко-форензичка анализа на содржината на телефонот и да се утврдат: влезни-излезни повици-остварени и неостварени, пратени и примени СМС и ММС пораки и други контакти, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки и повикувани броеви-описно, времетраење на разговорот, пренасочени повици и слично; постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, СМС и ММС

– пораки, со мобилни телефонски броеви, време и дата, како и содржина на СМС и ММС пораките; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber, G-talk, Hangouts и Whats App; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Видно од Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 20.02.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција потребно е да се изврши вештачење на мобилен телефон марка SAMSUNG со ИМЕИ бр... . Со ова вештачење се бара да се изврши информатичко-форензичка анализа на содржината на телефонот и да се утврдат: влезни-излезни повици-остварени и неостварени, пратени и примени СМС и ММС пораки и други контакти, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки и повикувани броеви-описно, времетраење на разговорот, пренасочени повици и слично; постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилн и телефонски броеви, смс и ммс – пораки, со мобилни телефонски броеви, време и дата, како и содржина на СМС и ММС пораките; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber, G-talk, Hangouts и Whats App; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилен телефон предаден од Јохан Тарчуловски, КО бр.66/17 од 17.01.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на

мобилен телефон марка САМСУНГ С7 со ИМЕИ ... . Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Со Наредба за вештачење на мобилни телефони и други предмети одземени од обвинетиот Оливер Радулов, КО бр.66/17 од 01.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на следните предмети: еден мобилен телефон марка HUAWEY со ИМЕИ бр... со СИМ телефонска картичка со сериски број 8938901151217025711 VGD2 со повикувачки телефонски број ...; еден мобилен телефон марка Самсунг со ИМЕИ бр... и ИМЕИ бр... со вметната СИМ телефонска картичка со сериски број 8938903317229109086; еден мобилен телефона марка Самсунг со ИМЕИ бр... без СИм картичка, една СИм телефонска картичка од ВИП со сериски број .8 и еден лаптоп марка HP250G1 со сериски број 5 CG3415FWJProductHOW78EA#ABB без батерија со торбица и полнач. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на одземените предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook,

како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Со писмен допис од Основен суд С. 1 С. I КОК-ПП бр.384/17-25 од 21.12.2017 година до ОЈО за гонење на организиран криминал и корпуција доставен е мобилен телефон марка HUAWEY металик сива боја и мобилен телефон марка OBI со ИМЕИ 1... и ИМЕИ 2..., СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903316245011573, батерија од мобилен телефон OBI, одземени од обвинетиот Стефан Младеноски. Со Наредба за вештачење на мобилни телефони одземени од Стефан Младеноски, КО бр.66/17 од 29.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка HUAWEY металик сива боја и мобилен телефон марка OBI со ИМЕИ 1-.. и ИМЕИ 2-...., СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903316245011573, батерија од мобилен телефон OBI. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Со Наредба за вештачење на мобилен телефон одземени од лицето А. Ш. Д., КО бр.66/17 од 19.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка HUAWEY црна боја со ИМЕИ бр.... со СИМ картичка од мобилен оператор ОНЕ ВИП со повикувачки број ... со ПИН 2007. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените

одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од Богдан Илиевски, КО бр.66/17 од 19.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка Samsung J3 златна боја со ИМЕИ ..., СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903317192165974. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Видно од Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од Владо Јовановски, КО бр.66/17 од 19.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка ALCATEL ONE TOUCH црна боја со ИМЕИ ... и СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903316278085502. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од Борис Дамовски, КО бр.66/17 од 15.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка HUAWEY црна боја со ИМЕИ 1: ... и ИМЕИ 2: ... со СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со број 8938903316061219888 со микро картичка од 32GB со натпис SAN DISK ULTRA. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на

социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Митко Чавков, КО бр.66/17 од 07.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка IPHONE розева боја со ИМЕИ бр... и СИМ картичка од Телеком со сериски број 8938901170112152354 VGD2. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Со Наредба за вештачење на мобилни телефони одземени од Михаел Младеноски, КО бр.66/17 од 13.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилни телефони и СИМ картички и тоа: мобилен телефон марка Ајфон со ИМЕИ бр... и со микро СИМ картичка со сериски број 8938901140428070608 и мобилен телефон марка CUBOT со два ИМЕИ и тоа ИМЕИ бр... и ИМЕИ бр... со СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903316245011565. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски

формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилни телефони и други предмети, КО бр.66/17 од 15.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка Самсунг со ИМЕИ ... со СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со број ... со повикувачки број ...; мобилен телефон марка АСУС со ИМЕИ 1:... со СИМ картичка со сериски број 8938903316061147972 од мобилниот оператор ВИП со повикувачки број ...; СИМ картичка со сериски број 893890320719926065 6 на мобилниот оператор ВИП; СИМ картичка со серсики број 893890321029407596 1 на мобилниот оператор ВИП; персонален компјутер марка Lenovo со сериски број YB 04316537 црна боја и мобилен телефн марка Alcatel црна боја со ИМЕИ ... со СИМ картичка со сериски број 8938901130702079136 VA1. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да

го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Со Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Мунир Пепиќ, КО бр.66/17 од 07.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка Samsung A3 црна боја со ИМЕИ ... и СИМ картичка со сериски број 8938903315015292652. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Со Наредба за вештачење на мобилни телефони одземени од И. Ц., КО бр.66/17 од 07.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка Aser со ИМЕИ ... со црна боја и СИМ картичка со број 893890116072008137б V.M3; мобилен телефон марка Soni Xperia со црна боја, оштетен истиот не се отвара и не може да се види неговиот ИМЕИ со СИм картичка со број 8938901130628028993VA1 и мобилен телефон марка IPHONE во кутија со ИМЕИ ... . Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со

временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилни телефони и други предмети одземени од обвинетиот Митко Пешов, КО бр.66/17 од 07.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка Алкател црна боја со ИМЕИ бр... со СИМ картичка со сериски број 8938901130930053028 за повикувачки телефонски број ...; мобилен телефон марка SONI ERICSON црно-сива боја со ИМЕИ ... со СИМ картичка од мобилен оператор Тмобиле со сериски број 89389010802070979783 2.G1 со непознат повикувачки телефонски број; мобилен телефон марка Ајфон, црна боја со ИМЕИ бр...; мобилен телефон марка Ајфон 4 црно-сребрена боја со ИМЕИ бр... со СИМ картичка со сериски број 8938901151220007748 за повикувачки телефонски број ...; мобилен телефон марка ZTE црна боја со ИМЕИ бр... без СИМ картичка во бела картонска опаковка; едно куќиште од копјутер марка LG без страничен капак, а оштетен горен капак и едно УСБ надворешна меморија со ознака DCAF од 2 GB. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да

го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Видно од Наредбата за вештачење на мобилен телефон и други предмети одземени од лицето Е.И., КО бр.66/17 од 07.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка SONY ERICSSON LTI8i со ИМЕИ ... со мемориска картичка 2 GB марка KINGSTON; 1 USB СТИК сива боја; 1 USB СТИК марка KINGSTON со натпис DATATRAVELER од 128 MB црвено бела боја; 1 USB СТИК со натпис KIGILI црно сива боја; 1 USB СТИК 4 GB црна боја; 1 USB СТИК со натпис EMTEC црна боја; една мемориска картичка марка APACER од 4 GB со адаптер марка KINGSTON и една СИМ картичка со НН број од мобилен оператор ВИП и сериски број 8938903211199744057. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер;  постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредбата за вештачење на мобилни телефони и други предмети, КО бр.66/17 од 15.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка САМСУНГ со ИМЕИ ... со СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со број 8938903316316397349 со повикувачки број ...; мобилен телефон марка АСУС со ИМЕИ 1: ... со СИМ картичка со сериски број 8938903316061147972 од мобилниот оператор ВИП со повикувачки број ..., ИМЕИ 2 ..., СИМ  картичка со натпис LYCA MOBILE со сериски број 8938904070000988330 и MICRO SD картичка со натпис VERBATIM црвена боја со 32 GB; СИМ картичка со сериски број 89389032071992606 5 6 на мобилниот оператор ВИП; СИМ картичка со серсиски број 89389032102940759 6 1 на мобилниот оператор ВИП и

перосонален компјутер марка „Lenovo“ со сериски број YB04316537 црна боја. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Со Наредба за вештачење на мобилни телефони и други предмети одземени од обвинетиот Вилијам Михајловски, КО бр.66/17 од 15.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка Samsung црна боја со ИМЕИ ...; мобилен телефон марка SONY ERICSON црна боја со ИМЕИ ... со картичка од 64 MB марка SCANDISK; мобилен телефон марка SAMSUNG со ИМЕИ бр... со СИМ картичка со број 8938901150221539394 со повикувачки број ...; мобилен телефон марка SAMSUNG A3 со ИМЕИ ... со СИМ картичка со повикувачки број ... и хард диск EXCEL STOR со број S/N:Q4B79JU. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и

на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од обвинетиот Душко Лазаров, КО бр.66/17 од 05.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка SAMSUNG црна боја со ИМЕИ ... и СИМ картичка од Мобимак (серискиот број не го пишува на картичката бидејќи е мала) со повикувачки број ... . Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Видно од Наредбата за вештачење на мобилни телефони одземени од лицето Л.Ѓ. КО бр.66/17 од 05.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка SAMSUNG NOT 8 златна боја со ИМЕИ ... со кориснички број ... со ПИН 5823 и мобилен телефона марка AIFON 7 PLUS сива боја со ИМЕИ број ... со кориснички број ... со PIN 5607 и мемориска картичка од мобилен оператот Т-Мобиле со број ... . Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео

екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер;  постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилни телефони одземени од обвинетиот Оливер Поповски, КО бр.66/17 од 01.12.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка SAMSUNG GALAXY C7 со ИМЕИ ... и СИМ картичка со повикувачки број ... и мобилен телефон марка SAMSUB+NG NOTE 4 со ИМЕИ број ... и СИМ картичка со повикувачки број ... . Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер;  постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Согласно Наредба за вештачење на мобилни телефони одземени од Крсто Мукоски,  КО бр.66/17 од 01.12.2017 година на ОЈО за гонење на

организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка Ајфон модел A1784Fcc ID:BCG-E3092AIC:579C-E3092A црна боја со ИМЕИ број ... со шифра за екран 0655 и СИМ картичка од мобилен оператор Т-Мобиле со серисики број 8938901130222 и 042069VGI за повикувачки телефонски број ... со ПИН 2409 без смс. Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Видно од Наредба за вештачење на мобилен телефон одземен од Т.В., КО бр.66/17 од 28.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција треба да се изврши вештачење на мобилен телефон марка IPHONE 7 црна боја со ИМЕИ ... со СИМ картичка од Т-Мобиле со повикувачки број ... . Со ова вештачење се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на наведените одземени предмети на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и др; постоечки или бришани записи на СМС или ММС пораки во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messinger, Viber; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook, како и на други социјални мрежи; фрагменти или постоечки email профил,

електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјални мрежи за дружење со време на активирање и поседување. Вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика. ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до МВР, Централни полициски служби, Сектор за компјутерски криминал и форензика испратил писмено Известување КО бр.66/17 од 01.12.2017 година со кое што доставил и службена белешка за извршен разговор со лицето Т.В. на околности да го наведе PASS кодот од претходно наведениот телефонски број.

Од сите претходно наведени наредби за вештачење јасно произлезе дека вештачењата кои што се изготвени и кои што се изведени како докази се извршени врз донесени наредби од страна на ОЈО С. и од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција кои што се донесени согласно одредбите од ЗКП.

Согласно Известувањето бр.28.11.2-1025 од 01.05.2017 година на МВР на РМ, ОЕКР-ЕНК-ОНК при СВР С. на камерата која се наоѓа во холот и гледа кон главниот влез на Собранието на РМ било забележано дека ЦД-то на фајлот со наслов Analog_13_18_44_50_04_27.0 во времето од 11:52 мин до 14:50 мин се гледа како пратеници од Собранието на РМ кои биле присутни во главната сала од Собранието, а поточно пратениците Крсто Мукоски и Сашо Василевски ја отстрануваат претходно поставената блокада на вратата од внатрешната страна од главниот влез во Собранието, по што во тој момент внатре во Собранието влегува голема група на граѓани кои претходно биле насобрани од надворешната страна на Собранието. Додека се врши отстранувањето на блокадите од вратата присутен е и Горан Ѓошевски вработен како внатрешно обезбедување и уште двајца тогаш се уште неутврдени вработени како внатрешно обезбедување, а воедно во ходникот во тоа време бил присутен и пратеникот Ј.Т. и уште неколку лица најверојатно пратеници или вработени во внатрешното обезбедување. Со ова известување доставено до ОЈО С. била доставена и Фотодокументација број 28.11.2-1025/1 од 01.05.2017 година со 28 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка техника на која што всушност се гледаат наведените пратеници, но се гледа и влезот на дел од масата народ.

Фотодокументацијата без број од 15.06.2017 година со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се однесува за лице С.Д. и на овие три фотографии се гледа ова лице со тоа што на втората и третата фотографија истиот се гледа со група на граѓани.

Фотодокументацијата на МВР на РМ, Криминалистичка техника бр.28.16.2.1-2231/1 од 12.05.2017 година, е со 118 фотографи и истите се извадени од повеќе камери, телевизиски куќи и интернет портали. На овие фотографии се гледа маса народ кои што се пред Собранието, се гледаат дел од граѓаните како реагираат на заштитните огради поточно се гледа

како ги тресат истите, потоа се гледа како масата народ откако се пробиени заштитните огради како се движи према влезната врата на Собранието, потоа се гледа дека дел од масата народ се турка пред влезните врати, при што на фотографијата бр. 15 до столбот се гледа полициски службеник кој што стои мирно, потоа се гледа дека дел од масата народ веќе е влезена во Собранието, а воедно на некои од фотографиите се гледаат и полициски службеници на влезот во Собранието кои што едноставно стојат и ја гледаат масата народ како влегува во Собранието, при што впечатливо е дека меѓу масата народ има луѓе со фантомки на главите. Воедно, на дел од фотографиите се гледаат граѓани кои што веќе се во холот во Собранието, а на скалите се гледаат униформирани полициски службеници со панцирни елеци и шлемови на главите кои што стојат на скалите, а покрај нив поминува дел од масата народ, не се превзема ништо, а на сликата бр. 42 се гледа полициски службеник со панцир во десната рака го држи шлемот, позади него има лица со фантомки, а овој полициски службеник е свртен со главата со блага насмевка на лицето и ова зборува всушност за срамното однесување на полициските службеници на 27.04.2017 година . За ваквото срамно однесување на полициските службеници може да се зборува и согласно фотографијата бр. 43 кога на скалите во Собранието се гледаат неколку униформирани полициски службеници мирно седат и ги гледаат луѓето кои се качуваат по скалиите. На наредните фотографии се гледа дека се поголем број од масата луѓе влегуваат во Собранието, а униформирани полициски службеници на самиот влез во Собранието едноставно стојат покрај вратите немо набљудуваат што се случува, односно без превземање на никакви дејствија пропуштаат дел од толпата народ да влегуваат во Собранието. Истото ова, се гледа и на фотографијата бр. 53. На наредните фотографии се гледа маса народ влезени во Пленарната сала при што се гледаат и луѓе со фантомки, се гледа обвинетиот Игор Југ на фотографијата бр. 58 како и на фотографијата 61, а се гледаат и пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ како и нивните коалициони партнери. Воедно се гледа слободното движење на масата народ низ ходниците на Собранието, но се гледа и дел од оваа маса народ пред влезот на Прес салата насобрани пред вратата на оваа сала, за да потоа се гледа влезот на истите во внатрешноста на Пред салата 3. Се гледа фрлање на сталаци од камери посебно на фотографијата бр. 104, потоа фотографијата 107, но се гледа како пратениците од парламентарното мнозинство се собрани во еден агол. Меѓу останатите тука се гледаат и пратениците З.З., А.К., О.С., Б.Б., Г.М., но се гледаат и лица од обезбедувањето на З.З. и О.С. . Воедно на дел од фотографиите се гледаат пратеници од парламентарното мнозинство кои што се гледаат на галеријата во Прес салата, но меѓу нив се гледа и обвинетиот В.Т., а и на останатите фотографии можат да се забележат дел од обвинетите меѓу кои и обвинетиот Никола Митревски – Кољо и тоа на скалите. Конечно, на дел од овие фотографии се гледа

надворешноста на Собранието, односно дел пред Собранието каде има маса од народ, но тука веќе има и реакција на полициските службеници.

Видно од Фотодокументацијата бр.28.16.1-2049/1 од 28.04.2017 година увид број 1531/2017 од 27.04.2017 година на МВР на РМ, Криминалистичка Техника, СВР С., Единица за увид на место на настан и анализи истата е со 177 фотографии од кои што фотографиите од 1 до 6 се однесуваат на општ изглед на главниот влез на Собранието со двокрилна широка дрвена врата која е оштетена од внатрешната страна по носачите, потоа на фотографиите од 7 до 16 се гледа општиот и поблизок изглед на влезната врата на Собранието од внатрешната страна на собранискотo фоаје каде се гледаат оштетувања по краевите од физичка сила при што има и малтер од оштетен плафон, односно гипс картон. На фотографиите од број 17 до 22 јасно се гледаат оштетувањата во мониторинг собата како и претурањата во истата, додека на фотографиите од 23 до 26 се гледа оштетување на вратата од мониторинг собата и тоа во носечките делови, а на фотографиите од 27 до 30 се гледаат оштетувања на статуите во собраниското влезно фоаје. Потоа, на фотографиите од 31 до 42 се гледа собраниската сала како и оштетени и искршени микрофони, слушалки и јарболи, а воедно оштетена е и влезната врата од салата т.е. истата е насилно отворена. На фотографиите од 43 до 49 се гледаат скали и простории со сите оштетувања каде делувала толпата, а истите водат до сала за прес конференција, потоа на фотографиите од 50 до 64 се гледаат оштетувањата направени во сала за прес конференции од страна на толпата како и оштетувањата во ходникот во истата сала. Оштетувања на просторот, односно фоајето на горниот кат каде е лоцирана канцеларијата на Претседателот на Собранието јасно се гледаат на фотографиите од 65 до 77, додека на фотографиите од 78 до 96 се гледаат оштетувања и траги на употреба на физичка сила на врата од просторија „Длаборез“ сала како и оштетената врата лево и десно од фоајето, а видно е и уништениот гипс картон по ѕидовите и плафонот. Додека на фотографиите од 97 до 104 се гледаат пореметувања и оштетување на мебел во „Длаборез“ сала од страна на толпата, потоа на фотографиите со реден број од 105 до 121 се гледаат оштетувањата во меморијалните простории од горниот кат на Собранието. На фотографиите од 122 до 135 видни се оштетувањата на просторот кон салата за прес конференција кој води од горниот кат каде толпата најверојатно се задржала, а од 136 до 139 се гледа ходникот пред Прес салата со сите пореметувања на мебелот од страна на толпата, додека на фотографиите од 140 до 146 се гледа пореметувањето во Прес центар. На двете фотографии со редни броеви 147 и 148 се гледа дупка од куршум и чаура подигната од подот на салата за прес конференција. Потоа, на фотографијата 149 се гледа проектил подигнат од подот означен со реден број 2, потоа со реден број 3 на фотографијата бр. 150 се гледаат траги слични на крв подигнати од тепихот, потоа на фотографијата 151 се гледаат траги слични на крв, имено подигнати се две крпи со траги слични на крв, а на фотографијата 152 каде што се гледа бројот 5 има подигнати

траги слични на крв од површина на стол, додека на фотографиите од 153 до 154 означено со реден број 6 се гледа тркало од столица со траги слични на крв на него. Фотографијата 155 се однесува за подигнати хартии со траги слични на крв од маса во салата означени со реден број 7, додека фотографиите од 156 до 157 се однесуваат на траги слични на крв подигнати од маса превртена од толпа во салата означена со број 8. Фотографиите 158 и 159 се однесуваат всушност на траги слични на крв означени со реден број 9 на превртена маса испред влезна врата во салата. На фотографијата 160 се гледаат траги слични на крв подигнати испред влезната врата означени со реден број 10, а фотографијата со реден број 161 се однесува на трага слична на крв подигната од ходникот на мермерен под означен со реден број 11. На фотографијата бр. 163 е означен стап подигнат од ходникот на салата користен од толпата и истиот е со реден број 12. Подигнато свирче од позади влезната врата на салата за прес конференција означено со реден број 13 се гледа на фотографијата број 164, а на фотографиите 165 и 166 е подигнат стап кој најверојатно е ногарка од стол со кој толпата мавала и истиот е означен со реден број 14. На фотографиите од 167 до 170 се гледаат запечатени врати за Прес салата и горната и долната врата од истата страна, а запечатени од страна на МВР на РМ, потоа на двете фотографии 171 и 172 е подигната трага слична на крв од ходникот пред канцеларијата на пратеничкиот клуб, а означена со реден број 15, додека со реден број 16 подигната безбол капа од собраниската сала на клупата испред се гледа на фотографиите 173 и 174 и конечно на фотографиите од 175 до 177 се гледаат поставени шатори од страна на толпата.

Фотодокументацијата бр.28.16.1-2051/1 од 28.04.2017 година и број 1546/2017 на МВР на РМ, Криминалистичка Техника е со 20 фотографии при што на фотографиите 1 и 2 се гледа Собранието на РМ, додека на фотографиите 3 и 4 се гледа запечатена просторија, на фотографијата 5 се гледа табла од просторијата за обезбедување – мониторинг просторија, додека на фотографиите 6, 7 и 8 се гледа внатрешноста на просторија за видео мониторинг. На фотографијата под реден број 9 се гледа систем за видео мониторинг сместен во наведената просторија, а монитори за видео надзор во просторијата за видео мониторинг се гледаат на фотографијата број 10. На фотографијата 11 се гледа внатрешност на куќички за компјутер за видео мониторинг, а со стрелка е посочено местото каде недостасува хард дискот. Понатаму, на фотографијата број 12 се гледа другата куќичка на компјутер за видео мониторинг и местото каде недостасува хард дискот е посочено со стрелка. На фотографиите 13, 14 и 15 се гледа запечатена просторија, а на фотографијата бр. 16 се гледа сино плико за кое што во фотодокументацијата е наведено дека се наоѓаат клучеви од истата просторија. На фотографијата под број 17 се гледа внатрешноста на истата просторија при што со стрелка е означен системот за видео надзор на Собранието на РМ, а на фотографијата под број 18 се гледа скршена маса, расфрлана во истата просторија. На

фотографиите под број 19 и 20 се гледаат расфрлани парчиња од даски и хартија во таа просторија.

Видно од Фотодокументација без број од 03.05.2017 година на МВР на РМ, Криминалистичка Техника која е сочинета од 18 фотографии на истата на фотографиите 1 и 2 се обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски за кој постапката е раздвоена, додека на останатите фотографии од реден број 3 до реден број 18 се гледаат нивните активности кога влегуваат во кабина 3 мониторинг систем за видео надзор, како и активностите на други лица вработени во внатрешното обезбедување.

На десетте фотографии од кои е сочинета Фотодокументацијата без број од 15.06.2017 година на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа лицето А.Ш. кој што се движи меѓу толпата народ, како и неговото присуство меѓу првите пред влезните врати во Собранието, неговото туркање, а на фотографијата број 6 како и фотографијата број 8 се гледа неговото делување на влезната врата на Собранието, а воедно се гледа дека истиот меѓу првите влегува во внатрешноста на Собранието.

На Фотодокументација без број од 19.06.2017 година со 5 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа лицето Ј.Ј. кој што се движи меѓу масата народ која што се движи кон Собранието, а веднаш до него се наоѓа и обвинетиот Младен Додевски, но воедно се гледа и неговото присуство во ходникот пред Прес салата при што истиот на главата има црна фантомка.

Видно од Фотодокументација без број од 15.06.2017 година со на МВР на РМ, Криминалистичка Техника со 11 фотографии се гледа обвинетиот Младен Додевски облечен во сини бермуди и сива маица со натпис на предната страна со капче на главата како се движи со група луѓе кон Собранието при што истиот во Собранието е со фантомка на главата, истиот се гледа на горниот дел од скалите, како и во ходникот пред Прес центарот но и во внатрешноста на Прес центарот.

Фотодокументацијата без број и датум на МВР на РМ, Криминалистичка Техника со 4 фотографии се однесува на ОСЛ вработен во Единицата за потраги М.М. кој што јасно се гледа во внатрешноста на Собранието и тоа во Прес центарот, при што на четвртата фотографија се гледа како снима со мобилен телефон.

Фотодокументацијата без број од 15.06.2017 година на МВР на РМ, Криминалистичка Техника со 8 фотографии се однесува на обвинетиот В.М. кој што облечен во сини фармерки и црна маица со бел натпис на предната страна се движи кон Собранието, при што се движи во група со повеќе лица, а меѓу останатите тука се и обвинетите Игор Југ и Никола Митревски Кољо, а воедно истиот се гледа на скалите во Собранието и во ходникот пред Прес центарот.

Наредната Фотодокументација без број и датум со 7 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се однесува на лицето Михаел

Младеноски и неговото присуство во Собранието посебно пред Прес центарот.

На Фотодокументацијата без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа лицето М.С. кој се движи со група.

Лицето Захарие Симовски и неговото движење во групата која што се движи кон Собранието како и неговото присуство во внатрешноста на Собранието и пред влезот на Прес центарот е на Фотодокументација без број и датум со 8 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника.

Движењето во група и присуство во внатрешноста на Собранието, а посебно во ходникот пред Прес центарот на лицето Л.З. се гледа од Фотодокументацијата без број и датум со 6 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника.

На Фотодокументацијата без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа лицето Флоријан Незировски, се гледа негово движење со групата.

Од Фотодокументацијата без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа лицето М.Г. и неговото движење со групата.

Лицето Ѓ.Ч. и неговото движење во групата се гледа од Фотодокументацијата без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника.

Со групата се движи и лицето М.А. што е видно од Фотодокументацијата без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника, а воедно со Фотодокументација без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа и лицето М.Ч., кој што исто така се движи со групата. Со оваа група се движи и лицето Ф.С. кое е видно од Фотодокументацијата без број од 15.06.2017 година со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника.

Согласно Фотодокументацијата без број и датум со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника лицето М.Ј. исто така се движи со оваа група.

На Фотодокументацијата без број од 19.06.2017 година со 6 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа лицето Стефан Младеноски кој што се движи со групата, а воедно истиот со фантомка на главата се гледа и во ходникот пред Прес центарот.

Лицето Д. Д. – Д. се гледа на Фотодокументацијата без број од 15.06.2017 година со 15 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника при што истиот при движењето со групата не носи фантомка на главата, но додека е во внатрешноста на Собранието тој е постојано со црна фантомка на главата, истиот се гледа на горниот дел од скалите, а до него е обвинетиот Никола Митревски – Коњо. Ова лице повторно со фантомка

на главата се гледа и во ходникот пред Прес салата и истиот меѓу првите влегува во Прес центарот и за цело време е со фантомка на главата.

Лицето Т.С. се гледа на Фотодокументацијата без број од 15.06.2017 година со 6 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника и истиот се гледа како се движи со групата, а воедно тој се наоѓа и во ходникот пред Прес центарот.

На Фотодокументацијата без број од 15.06.2017 година со 5 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа лицето З.З. кој што се движи со групата, а воедно истиот се гледа и пред влезните врати на Собранието.

Лицето П.Н. е дел од групата која што се движи, а тоа е видно од Фотодокументацијата без број од 15.06.2017 година со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника.

Меѓу оваа група што се движи кон Собранието е и лицето З.Б. кој што се гледа и во внатрешноста на Собранието поточно пред Прес центарот со црна фантомка на главата што е видно од Фотодокументацијата без број од 15.06.2017 година со 7 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника, а на Фотодокументација без број од 15.06.2017 година со 3 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа лицето Г.Д. кој што исто така се движи со групата. Со оваа група се движи и лицето М.И. кој што се гледа и во внатрешноста на Собранието видно од Фотодокументацијата без број од 15.06.2017 година со 6 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника.

На Фотодокументацијата без број и датум со 11 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника се гледа присуство на обвинетиот Игор Југ кој што е пред Прес центарот, но воедно истиот се гледа и во Прес центарот со тоа што на фотографијата број 6 се гледа како црната маица од десната страна е подигната над етикетата од фармерките.

Всушност претходно наведената фотодокументација е во склад и со претходно веќе наведените и анализирани ЦД снимки, СМС пораките како и во склад со исказите на сведоците. На дел од фотографиите јасно се гледаат дел од обвинетите со гардероба која што соодветствува со онаа која што се гледа на ЦД снимките, а воедно се гледаат и нивните движења кон Собранието како и во внатрешноста на Собранието.

Видно од Барањата до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 15.09.2017 година ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција бара доставување на податоци во електронска форма за следните телефонски броеви: ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... и ... и тоа за временски период од 22.04.2017 година до 30.04.2017 година. Притоа листинзите треба да содржат податоци за повикувачки број, име и презиме на повикувачот, адреса на повикувачот, град на повикувачот, број на повикувачот, ИМЕИ

на повикувачот, ЕМБГ на повикувачот, келија на повикувачот, име на локација на повикувачот, адреса на локација на повикувачот, повикан број, име и презиме на повикан, адреса на повикан, град на повикан, П.бр на повикан, ИМЕИ на повикан, ЕМБГ на повикан, келија на повикан, локација на повикан, адреса на локација на повикан, времетраење на разговорот, датум/време на разговор, тип на повик, броеви кои се користени од тие ИМЕИ апарати, од кога е активна СИМ картичката на сопственикот на телефонскиот број и податоци со локација по базни станици. Воедно се бара информација во смисла доколку телефонскиот број напред е претплатник кај одреден мобилен оператор, а има префикс од друг мобилен оператор истото да биде наведено и означено во листингот.

Со писмени Известување од мобилен оператор ОНЕ Вип бр.13-4694/2 од 16.09.2017 година, Известување од мобилен оператор ОНЕ Вип бр.13-4696/2 од 16.09.2017 година и Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-122/2 од 15.09.2017 година сите со прилог ЦД до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција се доставуваат бараните податоци во електронска форма.

Со писмени известувања и тоа Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-5063/2 од 02.10.2017 година, Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-4765/2 од 02.10.2017 година и Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-5062/2 од 02.10.2017 година сите со прилог ЦД до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција во електронска форма доставени се бараните податоци.

Со Барањата до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 14.09.2017 година ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција бара податоци во електронска форма за следните телефонски броеви: ...; ...; ... и ... за временскиот период од 26.04.2017 година до денот на издавање на листинзите. Притоа листинзите треба да содржат податоци за повикувачки број, име и презиме на повикувачот, адреса на повикувачот, град на повикувачот, број на повикувачот, ИМЕИ на повикувачот, ЕМБГ на повикувачот, келија на повикувачот, име на локација на повикувачот, адреса на локација на повикувачот, повикан број, име и презиме на повикан, адреса на повикан, град на повикан, П.бр на повикан, ИМЕИ на повикан, ЕМБГ на повикан, келија на повикан, локација на повикан, адреса на локација на повикан, времетраење на разговорот, датум/време на разговор, тип на повик, броеви кои се користени од тие ИМЕИ апарати, од кога е активна СИМ картичката на сопственикот на телефонскиот број и податоци со локација по базни станици. Воедно се бара информација во смисла доколку телефонскиот број напред е претплатник кај одреден мобилен оператор, а има префикс од друг мобилен оператор истото да биде наведено и означено во листингот.

Од страна на мобилниот оператор Македонски телеком до Основното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

доставени се Известување бр.07-120/2-17 од 14.09.2017 година, Известување бр.07-119/2 од 14.09.2017 година и Известување бр.07-121/2-17 од 14.09.2017 година, сите со со прилог ЦД и видно од истите се доставуваат извештаи со детален преглед на појдовни и дојдовни повици и СМС пораки со сопственици на повикувачките и повиканите телефонски броеви, локации по базни станици и ИМЕИ броеви на телефонските апарати за бараните телефонски броеви. Воедно, доставуваат и извештај за сопственост на телефонски броеви, извештај за различни ИМЕИ, извештај за различни телефонски броеви по ИМЕИ, извештај за сообраќај за телефонски броеви, како и за СМС пораки.

Со Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 16.10.2017 година од страна на Обвинителството се бараат податоци, а поточно листинзи во електронска форма за следните телефонски броеви: ... за временски период од 01.04.2017 година до 31.05.2017 година и ... за временски период од 15.04.2017 година до 30.04.2017 година при што листинзите да содржат влезно-излезни повици, СМС пораки за сопствениците со ЕМБГ, имиња на повикувачки броеви, имиња на повикани броеви, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки броеви, времетраење на разговор, вид на комуникација – СМС пораки, пренасочени повици со лични податоци, име, презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и град.

Од страна на мобилните оператори доставени се писмени известувања до Обвинителството со бараните податоци што е видно од Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-5690/2 од 27.10.2017 година и Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-138/2-17 од 16.10.2017 година двете со прилог ЦД.

Видно од Барањата до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.Вип ДОВ.бр.26/17 двете од 15.11.2017 година Основното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција од мобилните оператори бара доставување на листинзи во електронска форма за телефонските броеви ... и ... за временски период од 27.04.2017 година до 28.04.2017 година при што листинзите да содржат влезно-излезни повици, СМС пораки за сопствениците со ЕМБГ, имиња на повикувачки броеви, имиња на повикани броеви, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки броеви, времетраење на разговор, вид на комуникација – СМС пораки, пренасочени повици со лични податоци, име, презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и град.

Со писмени известувања Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-6358/2 од 16.11.2017 година и Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-152/2 од 15.11.2017 година, двете со прилог ЦД бараните податоци се доставени во електронска форма.

Основното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција од мобилните оператори Македонски телеком и Оне.Вип со писмени Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.Вип

ДОВ.бр.26/17 двете од 22.11.2017 година бара доставување на доставување на податоци во електронска форма за следните ИМЕИ броеви: ИМЕИ ..., ИМЕИ ... и ИМЕИ број ... за временски период од 10.11.2017 година до денот и моментот на доставување на податоците при што податоците да содржат дали наведените ИМЕИ се активни на телефонски апарати и ако се активни да се достават податоци на кои СИМ картички се користат, односно податоците да бидат за лица корисници на СИМ картичките, во кој временски период и влезно-излезни повици, СМС пораки за сопствениците со ЕМБГ, имиња на повикувачки броеви, имиња на повикани броеви, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки броеви, времетраење на разговор, вид на комуникација – СМС пораки, пренасочени повици со лични податоци, име, презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и град, а доколку било кој од наведените ИМЕИ повеќе не се активни да се наведе кога престанува да се користи наведеното ИМЕИ.

Со писмени известувања Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-6518/2 од 23.11.2017 година, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-158/2-17 од 22.11.2017 година и Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-156/2-17 од 22.11.2017 година, сите со прилог ЦД мобилните оператори во електронска форма ги доставиле бараните податоци што е видно од наведените известувања.

Со Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.Вип ДОВ.бр.26/17 сите од 16.11.2017 година од страна на Обвинителството се бараат податоци, а поточно листинзи во електронска форма за следните телефонски броеви: ... за временски период од 27.04.2017 година до 28.04.2017 година и телефонски број ... за временски период од 15.01.2017 година до 30.04.2017 година при што листинзите да содржат влезно-излезни повици, СМС пораки за сопствениците со ЕМБГ, имиња на повикувачки броеви, имиња на повикани броеви, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки броеви, времетраење на разговор, вид на комуникација – СМС пораки, пренасочени повици со лични податоци, име, презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и град.

Видно од Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-6386/2 од 17.11.2017 година и Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-153/2-17 од 16.11.2017 година, двете со прилог ЦД наведените мобилни оператори до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција ги доставиле бараните податоци за наведените телефонски броеви.

Со Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 07.09.2017 година од страна на Обвинителството се бараат податоци, а поточно листинг во електронска форма за телефонскиот број ... за временски период од 15.04.2017 година

до 05.05.2017 година при што листингот да содржи лични податоци - име и презиме, влезно-излезни повици, сопственици на овој телефонски број, како и сопственици на телефонските броеви со кои истите остварувале телефонски комуникации, базни станици на повикувачки и повикани телефонски броеви, ИМЕИ на повикувачки и повикани телефонски броеви, дали наведениот телефонски број е активен, дали на корисничкото ИМЕИ на наведениот телефонски број се користени и други СИМ картички, од кога се активни телефонските броеви и СИМ картички, СМС пораки со сопственици, времетраење на разговорот, вид на комуникација, пренасочен повик и слично.

Од страна на мобилните оператори постапено е по наведеното барање при што до Обвинителството доставени се писмени известувања и тоа Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-4627/2 од 12.09.2017 година и Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-114/2 од 12.09.2017 година, двете со прилог ЦД и бараните податоци се доставени во електронска форма.

Видно од Барањата до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 14.08.2017 година ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција бара доставување на податоци во електронска форма за следните телефонски броеви: ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... и ... како и за следните ИМЕИ: ... ; ... ; ... ; ... и ... за временски период од 01.04.2017 до 30.05.2017 година. Притоа листинзите треба да содржат податоци за повикувачки број, име и презиме на повикувачот, адреса на повикувачот, град на повикувачот, број на повикувачот, ИМЕИ на повикувачот, ЕМБГ на повикувачот, келија на повикувачот, име на локација на повикувачот, адреса на локација на повикувачот, повикан број, име и презиме на повикан, адреса на повикан, град на повикан, П.бр на повикан, ИМЕИ на повикан, ЕМБГ на повикан, келија на повикан, локација на повикан, адреса на локација на повикан, времетраење на разговорот, датум/време на разговор, тип на повик, броеви кои се користени од тие ИМЕИ апарати, од кога е активна СИМ картичката на сопственикот на телефонскиот број и податоци со локација по базни станици. Воедно се бара информација во смисла доколку телефонскиот број напред е претплатник кај одреден мобилен оператор, а има префикс од друг мобилен оператор истото да биде наведено и означено во листингот.

Со Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-4204/2 од 17.08.2017 година и Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-103/2-17 од 14.08.2017 година, двете со прилог ЦД до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставени се бараните податоци во електронска форма.

Со Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр. 19/17 од 03.08.2017 година од страна на Обвинителството се бараат податоци, а поточно листинзи во електронска форма за следните телефонски броеви ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ...

, ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ...
, ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... и ... за временски период од 01.04.2017 година до 01.05.2017 година при што листинзите да содржат лични податоци - име и презиме, влезно-излезни повици, сопственици на овие телефонски броеви, како и сопственици на телефонските броеви со кои истите остварувале телефонски комуникации, базни станици на повикувачки и повикани телефонски броеви, ИМЕИ на повикувачки и повикани телефонски броеви, од кога се активни и СИМ картички, СМС пораки со сопственици, времетраење на разговорот, вид на комуникација, пренасочен повик и слично.

Со писмени Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-4060/2 од 03.08.2017 година и Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.07-98/2-17 од 03.08.2017 година, двете со прилог ЦД доставени се бараните податоци во електронскја форма до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција.

Со писмени Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.Вип и LYCA ДОВ.бр.26/17 од 27.09.2017 година ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција побарано е на доставување на податоци во електронска форма за следните телефонски броеви: 076/444-406 и 070/213-609 за временски период од 20.04.2017 година до денот на издавање на листинзите при што податоците да содржат влезно-излезни повици, СМС пораки за сопствениците со ЕМБГ, имиња на повикувачки броеви, имиња на повикани броеви, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки броеви, времетраење на разговор, вид на комуникација – СМС пораки, пренасочени повици со лични податоци, име, презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и град

Од страна на мобилниот оператор Македонски Телеком до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставени се писмени известувања и тоа: Известување бр.07-129/2-17 од 27.09.2017 година и Известување бр.07-131/2 од 27.09.2017 година, двете со прилог ЦД.

Видно од Барањата до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 16.06.2017 година ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција бара доставување на податоци во електронска форма за следните телефонски броеви: ... , ... ,
... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... ,
... и ... и тоа за временски период од 01.04.2017 година до 01.05.2017 година. Притоа листинзите треба да содржат податоци за повикувачки број, име и презиме на повикувачот, адреса на повикувачот, град на повикувачот, број на повикувачот, ИМЕИ на повикувачот, ЕМБГ на повикувачот, келија на повикувачот, име на локација на повикувачот, адреса на локација на повикувачот, повикан број, име и презиме на повикан, адреса на повикан, град на повикан, П.бр на повикан, ИМЕИ на повикан, ЕМБГ на повикан, келија на повикан, локација на повикан, адреса на локација на повикан, времетраење на разговорот, датум/време на

разговор, тип на повик, броеви кои се користени од тие ИМЕИ апарати, од кога е активна СИМ картичката на сопственикот на телефонскиот број и податоци со локација по базни станици. Воедно се бара информација во смисла доколку телефонскиот број напред е претплатник кај одреден мобилен оператор, а има префикс од друг мобилен оператор истото да биде наведено и означено во листингот.

Со писмени известувања од мобилниот оператор Македонски Телеком и тоа Известување бр.07-78/2-17 од 16.06.2017 година и Известување бр.07-79/2-17 од 16.06.2017 година, двете со прилог ЦД, како и писмени известувања од мобилниот оператор ОНЕ.Вип и тоа Известување бр.13-3219/2 од 20.06.2017 година и Известување бр.13-3220/2 од 20.06.2017 година, двете со прилог ЦД, до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција доставени се бараните податоци во електронска форма.

Согласно Барањата до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.Вип ДОВ.бр.26/17 од 11.12.2017 година ОЈО за гонење на организиран криминал и корпуција бара доставување на податоци во смисла на тоа кои телефонски броеви се, СИМ картички и податоци за лицата корисници на следното ИМЕИ: ... , па од страна на мобилните оператори доставени се известувања за бараните податоци, видно од Известувањето од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-6924/2 од 15.12.2017 година со прилог ЦД, Известувањето од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-6891/2 од 15.12.2017 година и Известувањето од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-164/2 од 13.12.2017 година.

Со Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.Вип ДОВ.бр.26/17 двете од 22.11.2017 година од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корпуција се бараат податоци, а поточно листинзи во електронска форма за следните телефонски броеви: ... и ... за временски период од 27.04.2017 година до 28.04.2017 година, при што листинзите да содржат влезно-излезни повици, СМС пораки за сопствениците со ЕМБГ, имиња на повикувачки броеви, имиња на повикани броеви, време на меѓусебна комуникација, базни станици на повикувачки броеви, времетраење на разговор, вид на комуникација – СМС пораки, пренасочени повици со лични податоци, име, презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и град, при што од страна на мобилниот оператор ОНЕ.ВИП во електронска форма се доставени бараните податоци, а кое е видно од Известувањето бр.13-6507/2 од 28.11.2017 година со прилог ЦД.

Со Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.Вип ДОВ.бр.26/17 двете од 27.12.2017 година од страна на Обвинителството се бараат податоци, а поточно листинзи во електронска форма за следните телефонски броеви: ... , ... и ... за временски период од 01.02.2017 година до 31.05.2017 година при што листинзите да содржат лични податоци - име и презиме, влезно-излезни повици, сопственици на

овие телефонски броеви, како и сопственици на телефонските броеви со кои истите остварувале телефонски комуникации, базни станици на повикувачки и повикани телефонски броеви, ИМЕИ на повикувачки и повикани телефонски броеви, од кога се активни и СИМ картички, СМС пораки со сопственици, времетраење на разговорот, вид на комуникација, пренасочен повик и слично. Воедно со овие бгарања се бара информација за ИМЕИ број ... и тоа во смисла кои СИМ картички се користени во наведениот ИМЕИ апарат, податоци за сопствениците на СИМ картипчките и наведениот ИМЕИ апарат со ЕМБГ и адреса на живеење за временски период од 26.04.2017 година до 27.12.2017 година.

Со писмени Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-7273/2 од 29.12.2017 година со прилог ЦД и Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-3495/2-17 од 26.12.2017 година со прилог ЦД од наведените мобилни оператори до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставени се бараните податоци во електронска форма.

Видно од Барања до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.Вип ДОВ.бр.26/17 од 06.11.2017 година ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција бара доставување на податоци во електронска форма за следните телефонски броеви: ..., ..., ..., ... и ... за временски период од 20.04.2017 година до 30.04.2017 година, како и телефонски броеви ..., ... и ... за временскиот период од 15.01.2017 година до 30.05.2017 година. Притоа листинзите треба да содржат податоци за повикувачки број, име и презиме на повикувачот, адреса на повикувачот, град на повикувачот, број на повикувачот, ИМЕИ на повикувачот, ЕМБГ на повикувачот, келија на повикувачот, име на локација на повикувачот, адреса на локација на повикувачот, повикан број, име и презиме на повикан, адреса на повикан, град на повикан, П.бр на повикан, ИМЕИ на повикан, ЕМБГ на повикан, келија на повикан, локација на повикан, адреса на локација на повикан, времетраење на разговорот, датум/време на разговор, тип на повик, броеви кои се користени од тие ИМЕИ апарати, од кога е активна СИМ картичката на сопственикот на телефонскиот број и податоци со локација по базни станици. Воедно се бара информација во смисла доколку телефонскиот број напред е претплатник кај одреден мобилен оператор, а има префикс од друг мобилен оператор истото да биде наведено и означено во листингот.

Од страна на мобилниот оператор ОНЕ.Вип доставено е писмено Известување бр.13-6139/2 од 06.11.2017 година со прилог ЦД, како и едно ЦД со ознака Дов бр. 26/17 со кое се доставени бараните податоци во електронска форма, а исто така бараните податоци во електронска форма доставени се и од страна на мобилниот оператор Македонски телеком со писмено Известување бр.07-149/2 од 06.11.2017 година со прилог ЦД.

Со Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 25.11.2017 година Основното јавно

обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција од мобилните оператори бара податоци во смисла дали телефонските апарати со следните ИМЕИ броеви ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... и ... биле користени за комуникација со домашни и странски броеви СИМ картички, дали се активни, кој е сопственик на претплатничките броеви (СИМ картичките) на телефонските броеви, кои се нивните ЕМБГ, со адреса на живеење за временскиот период од 01.11.2017 година до денот на изготвувањето на одговорот.

Со писмени известувања и тоа Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-6602/2 од 28.11.2017 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-3195/2-17 од 25.11.2017 година со прилог ЦД и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-4504/1 од 29.12.2017 година од страна на мобилните оператори до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставени се бараните податоци во електронска форма.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал о корупција со писмени Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 15.12.2017 година, бара податоци во смисла дали телефонските апарати со следните ИМЕИ броеви ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... и ... биле користени за комуникација со домашни и странски броеви СИМ картички, дали се активни, кој е сопственик на претплатничките броеви (СИМ картичките) на телефонските броеви, кои се нивните ЕМБГ, со адреса на живеење за временскиот период од 25.11.2017 година до денот на изготвувањето на одговорот. Воедно се бараат податоци дали телефонските броеви се активни, кои се сопственици на претплатничките броеви со ЕМБГ и адреса на живеење и во кои ИМЕИ апарати се користат за временски период од 25.11.2017 година до денот на изготвувањето на одговорот, а се работи за следните телефонски броеви ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... и ... . Воедно се бараат податоци за следните сериски броеви на СИМ картички и тоа: ... ; ... ; ... ; ... ; ... ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... и ... во смисла кои се претплатничките телефонски броеви, во кои ИМЕИ телефонски апарати биле користени, нивни сопственици со ЕМБГ и адреса на живеење и дали биле активни за временскиот период од 27.04.2017 година до 28.04.2017 година.

До ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција од страна на мобилните оператори доставени се писмени известувања и тоа Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-6982/2 од 27.12.2017 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-3382/2-17 од 18.12.2017 година со прилог ЦД и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-523/1 од

09.01.2018 година со кои е постапено по наведеното барање и бараните податоци се доставени во електронска форма.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција со писмени Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 23.01.2018 година, бара податоци во смисла дали телефонските апарати со следните ИМЕИ броеви ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ; ... ;... и ... биле користени за комуникација со домашни и странски телефонски броеви - СИМ картички, дали се активни, кој е сопственик на претплатничките броеви на СИМ картичките и ИМЕИ апаратите и ЕМБГ со адреса на живеење за временскиот период од 01.01.2018 година до денот на изготвувањето на одговорот. Воедно да се доставаат PIN и PUK кодови на СИМ картички со следните сериски броеви: 8938901151220007748 VGD2 и 893890108020709797832.GI. Со овие барања се бара и достава на податоци за телефонски број ... и телефонски апарати со следните ИМЕИ: ... и ... , а се бараат податоци за повикувачки број, име и презиме на повикувачот, адреса на повикувачот, град на повикувачот, број на повикувачот, ИМЕИ на повикувачот, ЕМБГ на повикувачот, келија на повикувачот, име на локација на повикувачот, адреса на локација на повикувачот, повикан број, име и презиме на повикан, адреса на повикан, град на повикан, П.бр на повикан, ИМЕИ на повикан, ЕМБГ на повикан, келија на повикан, локација на повикан, адреса на локација на повикан, времетраење на разговорот, датум/време на разговор, тип на повик, броеви кои се користени од тие ИМЕИ апарати, од кога е активна СИМ картичката на сопственикот на телефонскиот број и податоци со локација по базни станици за временскиот период од 01.01.2018 година до денот на изготвувањето на одговорот.

Видно од Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-361/2 од 25.01.2018 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-12/2-18 од 23.01.2018 година со прилог ЦД и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-557/1 од 31.01.2018 година бараните податоци се доставени до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција.

Согласно Барањата до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 26.01.2018 година се бараат податоци во електронска форма за телефонскиот број ... за временскиот период од 01.12.2017 година до денот на изготвувањето на одговорот на барањето. Со овие листинзи се бараат податоци за повикувачки број, име и презиме на повикувачот, адреса на повикувачот, град на повикувачот, број на повикувачот, ИМЕИ на повикувачот, ЕМБГ на повикувачот, келија на повикувачот, име на локација на повикувачот, адреса на локација на повикувачот, повикан број, име и презиме на повикан, адреса на повикан, град на повикан, П.бр на повикан, ИМЕИ на повикан, ЕМБГ на повикан, келија на повикан, локација на повикан, адреса на локација на повикан, времетраење на разговорот, датум/време на

разговор, тип на повик, броеви кои се користени од тие ИМЕИ апарати, од кога е активна СИМ картичката на сопственикот на телефонскиот број и податоци со локација по базни станици. Доколку телефонскиот број напред е претплатник кај одреден мобилен оператор, а има префикс од друг мобилен оператор истото се бара да биде наведено во листингот.

Со писмено Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-493/2 од 26.01.2018 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-14/2-18 од 26.01.2018 година и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-556/1 од 31.01.2018 година постапено е по барањето на ОЈО за организиран криминал и корупција и бараните податоци во електронска форма се доставени до истото.

Согласно Барањата до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 сите од 30.01.2018 година се бараат податоци во електронска форма за телефонските броеви ... , ... и ... за временскиот период од 15.11.2017 година до денот на изготвувањето на одговорот на барањето. Со овие листинзи се бараат податоци за повикувачки број, име и презиме на повикувачот, адреса на повикувачот, град на повикувачот, број на повикувачот, ИМЕИ на повикувачот, ЕМБГ на повикувачот, келија на повикувачот, име на локација на повикувачот, адреса на локација на повикувачот, повикан број, име и презиме на повикан, адреса на повикан, град на повикан, П.бр на повикан, ИМЕИ на повикан, ЕМБГ на повикан, келија на повикан, локација на повикан, адреса на локација на повикан, времетраење на разговорот, датум/време на разговор, тип на повик, броеви кои се користени од тие ИМЕИ апарати, од кога е активна СИМ картичката на сопственикот на телефонскиот број и податоци со локација по базни станици. Доколку телефонскиот број напред е претплатник кај одреден мобилен оператор, а има префикс од друг мобилен оператор истото се бара да биде наведено во листингот.

Со писмено Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-552/2 од 30.01.2018 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-15/2-18 од 30.01.2018 година и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-562/1 од 07.02.2018 година постапено е по барањето на ОЈО за организиран криминал и корупција и доставени се бараните податоци во електронска форма.

Видно од Барањата до мобилните оператори Македонски Телеком и Оне.Вип ДОВ.бр.26/17 двете од 05.01.2018 година, се бара доставување на листинзи во електронска форма за следните телефонски броеви ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... и ... за временски период од 01.12.2016 до 01.06.2018 година. Листинзите треба да содржат лични податоци - име и презиме, влезно-излезни повици, сопственици на овие телефонски броеви, како и сопственици на телефонските броеви со кои истите остварувале телефонски комуникации, базни станици на повикувачки и повикани телефонски броеви, ИМЕИ на повикувачки и повикани телефонски броеви, од кога се активни телефонските броеви и СИМ картички, СМС пораки со

сопственици, времетраење на разговорот, вид на комуникација, пренасочен повик и слично.

Видно од Известувањето од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-77/2 од 23.01.2018 година со прилог ЦД и Известувањето од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-46/2 од 05.01.2018 година со прилог ЦД бараните податоци се доставени до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција во електронска форма.

Согласно Барања до мобилните оператори Македонски Телеком, Оне.Вип и LYCA Мобиле ДОВ.бр.26/17 ситеод 02.03.2018 година, се бараат податоци во електронска форма за телефонските броеви ... И ... за временскиот период од 01.03.2017 година до 01.05.2017 година до денот на изготвувањето на одговорот на барањето. Со овие листинзи се бараат податоци за повикувачки број, име и презиме на повикувачот, адреса на повикувачот, град на повикувачот, број на повикувачот, ИМЕИ на повикувачот, ЕМБГ на повикувачот, келија на повикувачот, име на локација на повикувачот, адреса на локација на повикувачот, повикан број, име и презиме на повикан, адреса на повикан, град на повикан, П.бр на повикан, ИМЕИ на повикан, ЕМБГ на повикан, келија на повикан, локација на повикан, адреса на локација на повикан, времетраење на разговорот, датум/време на разговор, тип на повик, броеви кои се користени од тие ИМЕИ апарати, од кога е активна СИМ картичката на сопственикот на телефонскиот број и податоци со локација по базни станици. Доколку телефонскиот број напред е претплатник кај одреден мобилен оператор, а има префикс од друг мобилен оператор истото се бара да биде наведено во листингот.

Од Известување од мобилен оператор ОНЕ.Вип бр.13-1366/2 од 05.03.2018 година со прилог ЦД, Известување од мобилен оператор Македонски Телеком бр.06-32/2-18 од 05.03.2018 година со прилог ЦД и Известување од мобилен оператор LYCA Мобиле бр.0302-609/1 од 12.03.2018 година се гледа дека бараните податоци се доставени до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Собранието на РМ доставило Барање за доставување податоци КО бр.66/17 од 16.03.2018 година и видно од истото се бара доставување на податоци за користење на електронска-чип картичка за влез и излез на стаклената врата која води кон кабинетот на претседателот на Собранието на РМ за ден 27.04.2017 година од 18,45 часот до 19,10 часот. Воедно се бара известување во смисла дали лицето Горан Ѓошевски тогаш вработен како Началник на лично обезбедување на Т.В. тогашен претседавач со Собранието на РМ имал задолжено електронска-чип картичка за тој влез и доколку бил задолжен да бидат доставени податоци за истата.

Од страна на Генералниот секретар на Собранието на РМ до Обвинителството е доставен писмен допис насловен како Одговор на барање бр.08-2031/2 од 20.03.2018 година на Собрание на РМ, па видно

од истиот електронски-чип картички за влез и излез на стаклената врата што води кон кабинетот на Претседателот на Собранието на РМ (од моментот на вградување на системот за контрола на пристап во 2004 година, па до денот на пишување на дописот), користат – личното обезбедување на претседателите на Собранието, како и вработените во кабинетот на Претседателот. Од овој допис јасно произлегува дека обвинетиот Горан Ѓошевски поседувал електронска-чип картичка со оглед да во тој период тој бил Началник на лично обезбедување на тогашниот претседавач со Собранието на РМ.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за Крсто Мукоски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 9 страни и за ден 27.04.2017 година на 4 страни се гледа телефонската комуникација на Крсто Мукоски во текот на месец април 2017 година, при што мобилниот телефон кој истиот го користел е со број ... . Посебно е впечатливо дека истиот на ден 27.04.2017 година во периодот од 17:37:19 до 17:38:29 часот истиот има комуникација со тогашниот Претседавач на Собранието Т.В., а станува збор за 4 СМС пораки, а во 19:05:05 часот повторно преку СМС порака е воспоставена комуникација со Т.В. . Всушност, истиот продолжува да испраќа и да прима пораки од разни телефонски броеви во текот на целиот ден 27.04.2017 година се до 23:38:53 часот, а истиот има остварено и повеќе телефонски разговори со повеќе лица. Воедно, од кои базни станици се остварувани овие телефонски комуникации се гледа од од анализата на листинзи.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Сашо Василевски за телефонскиот број ... на 10 страни, за телефонскиот број ... на 3 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 1 страна и за телефонскиот број ... на 4 страни, јасно произлегува дека истиот бил активен на 27.04.2017 година и активно ги користел двата наведени телефонски броеви при што има повеќе разговори и СМС пораки и со пратеници на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, а и за време на самите настани во Собранието на 27.04.2017 година Сашо Василевски испраќал и примал СМС пораки, а остварил и повеќе телефонски разговори. Меѓу останатото во оваа анализа се наведени и базните станици додека имал телефонски комуникации.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Љубен Арнаудов за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 10 страни и за ден

27.04.2017 година на 4 страни може да се заклучи дека Љубен Арнаудов во текот на месец април 2017 година имал остварено повеќе телефонски комуникации со повеќе лица, што значи и на 27.04.2017 година го користел телефонскиот број 071/317-700 и истиот на ден 27.04.2017 година во текот на целиот ден, па и за време на настаните во Собранието остварил телефонски комуникации со повеќе лица, а контактирал и преку СМС пораки. Тука судот мора да нагласи дека на 27.04.2017 година тој имал и комуникација со лицето Н.В. кој што беше сослушан во својство на сведок. Во 18:37:31 часот направен е обид за телефонска комуникација помеѓу Љубен Арнаудов и сведокот Н.В., но таа комуникација не е остварена, а во 18:46:35 часот истиот го барал сведокот Н.В. и помеѓу нив е остварена комуникација со времетраење од 37 секунди, кое нешто е во склад и со исказот на сведокот Н.В. .

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Љ.Д. за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 1 страна и за ден 27.04.2017 година на 4 страни јасно се гледа дека Љ. Д. имал повеќе телефонски комуникации на 27.04.2017 година дури и за време на настаните во Собранието.

Видно од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Јохан Тарчуловски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 14 страни и за ден 27.04.2017 година на 4 страни истиот активно го користел телефонот со телефонски број ... на 27.04.2017 година, па и во период на настаните во Собранието, истиот има примено СМС пораки, но има и испраќано СМС пораки. Меѓу овие телефонски комуникации видно е дека имал комуникација и со Х.М. и тоа во 17:53:38 и во 19:51:36 часот. Од оваа анализа се гледаат и базните станици на кои што наоѓал Јохан Тарчуловски и лицата со кои комуницирал во моментот на остварените контакти.

Согласно Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Митко Чавков за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број ... на 18 страни, за телефонскиот број ... на 3 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 11 страни и за телефонскиот број ... на 1 страна обвинетиот Митко Чавков на 27.04.2017 година имал остварено повеќе телефонски комуникации со повеќе лица, испраќал и примал СМС пораки, при што судот мора да нагласи дека неспорно за време на настаните во Собранието истиот се наоѓал на базните станици Алмако и ВМРО и тоа во периодот од 17:54:19 се до 20:01:56, а освен тоа јасно се

гледа дека тогашниот Министер за внатрешни работи му испраќал, но неспорно е и дека обвинетиот Митко Чавков имал испратено пораки до тогашниот Министер за внатрешни работи А.Н. . Од оваа анализа јасно произлегува дека тогашниот Министер за внатрешни работи А. Н. во неколку наврати го барал обвинетиот Митко Чавков, но не биле остварени телефонски комуникации, а сето ова е во склад и со исказот на сведокот А. Н.. Воедно, од оваа анализа јасно произлегува дека помеѓу обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви и обвинетиот Митко Чавков постои телефонска комуникација и тоа во неколку наврати. Имено има неостварени телефонски комуникации помеѓу овие двајца обвинети, но има и реализирани телефонски разговори, а телефонската комуникација започнува после 18:00 часот. Согласно наведената анализа, обвинетиот Митко Чавков немал телефонска комуникација со обвинетиот Митко Пешов се до 28.04.2017 година кога биле остварени телефонски комуникации помеѓу овие обвинети и тоа во време 00:03:18 и истите се одвивале се до 03:54:49 часот, а во кој период обвинетиот Митко Чавков се наоѓал на базна станица ВМРО со исклучок на последната комуникација во 03:54:49 кога истиот се наоѓал на базна станица Алмако. Воедно, обвинетиот Митко Чавков има телефонска комуникација и со Н.Г., но има комуникација и со полициски службеници и тоа В.Н., Г. Ѓ.- З., И. В., Т.С., а сето ова е во склад и со исказите на тогашниот Министер за внатрешни работи А.Н., но и со исказите на сослушаните полициски службеници наведени претходно, а воедно ова е во склад и со исказот на обвинетиот Александар Василевски Нинџа во делот каде што зборува дека во штабот на ВМРО-ДПМНЕ за време на настаните во Собранието меѓу останатите се наоѓал и обвинетиот Митко Чавков.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Митко Пешов за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 11 страни и за ден 27.04.2017 година на 10 страни за телефонскиот број ..., јасно се гледа дека и обвинетиот Митко Пешов на критичниот ден 27.04.2017 година имал остварено повеќе телефонски комуникации со повеќе лица, а има евидентирано и повеќе СМС пораки. Истиот во периодот кога масата народ станува агресивна пред Собранието според базните станици се наоѓа во К. . Тој има повеќе телефонски комуникации со полициски службеници, но има комуникација и со тогашниот Министер за внатрешни работи А.Н. . Овој обвинет остварил телефонска комуникација и со обвинетиот Душко Лазаров и тоа во период од 19:53:32 до 19:56:07 часот. Но, согласно оваа анализа истиот немал телефонска комуникација со Раководителот на Оперативниот штаб Митко Чавков со кого за првпат остварил телефонска комуникација на 28.04.2017 година и тоа во периодот од 00:03:18 до 03:54:49 часот. Овој обвинет остварил телефонски комуникации и со сведоците М. П., Г.Г., К.Б., В. Н., а ова нешто

всушност е во склад и со исказите на овие полициски службеници кои што беа сослушани во својство на сведоци.

Согласно Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Душко Лазаров за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 2 страни и за ден 27.04.2017 година на 6 страни за телефонскиот број ..., обвинетиот Душко Лазаров има повеќе телефонски комуникации остварено на ден 27.04.2017 година, воедно истиот примал и испраќал СМС пораки, а меѓу лицата со кои што остварил телефонска комуникација се и полициските службеници К.Б., а се работи за повеќе телефонски комуникации во периодот од 18:44:11 часот па до 28.04.2017 година до 00:15:17 часот, потоа со И.В. во периодот од 19:36:05 часот па се до 28.04.2017 година до 00:56:02 часот, со Сашо Митевски-Хитлер во периодот од 19:50:17 часот до 20:03:28 часот, со Горан Ѓорѓиевски - Зоља и тоа во време 19:24:15 часот, со З.С. во период од 20:04:45 часот до 22:04:30 часот. Воедно, истиот остварил телефонска комуникација со Митко Пешов во период од 19:53:32 часот до 19:56:07 часот. За време на настаните согласно базните станици истиот се наоѓал во Оперативниот штаб во МВР. Тука судот мора да нагласи дека согласно овие анализи јасно се гледаат телефонските комуникации на овој обвинет, а ова нешто е во склад и со исказите на полициските службеници сослушани во својство на сведоци.

Видно од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Горан Ѓошевски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 11 страни и за ден 27.04.2017 година на 7 страни за телефонскиот број ...., обвинетиот на 27.04.2017 година имал повеќе телефонски комуникации со тогашниот Претседавач на Собранието Т.В. и тоа во периодот од 14:05:16 часот па се до 20:15:43 часот, а помеѓу нив има и СМС пораки. Воедно, истиот остварил телефонски комуникации помеѓу останатите и со Раководителот на Оперативниот штаб обвинетиот Митко Чавков при што во 18:20:33 часот не била остварена таа комуникација иако истиот го барал обвинетиот Митко Чавков и се до 18:27:27 часот иако истите вртеле помеѓу себе на своите телефонски броеви не била остварена телефонската комуникација се до наведеното време, а тоа е 18:27:27 часот кога за прв пат се остварува таа телефонска комуникација и истите имале комуникација се до 19:37:51 часот. Овој обвинет помеѓу останатите имал телефонска комуникација и со обвинетиот Оливер Поповски и тоа во 18:24:26 часот и во 18:27:57 часот. Во 20:17:26 часот тој остварил телефонска комуникација со Сашо Марковски со времетраење од 52 секунди, потоа со истиот имал телефонска комуникација во 20:50:43 часот со времетраење од 17

секунди, во 21:15:18 часот иако бил побаран од Сашо Марковски не е остварена комуникацијата, за да во 21:15:30 часот имаат повторна комуникација од 13 секунди и во 22:27:28 часот има повторно комуникација помеѓу нив со времетраење од 79 секунди.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Оливер Поповски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број ... на 11 страни, за телефонскиот број ... на 6 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 9 страни и за телефонскиот број ... на 4 страни, јасно се гледа дека обвинетиот Оливер Поповски имал телефонскии комуникации со полициски службеници, па така истиот на 27.04.2017 година имал контакти со Д.К., С.М.-Х., Т. С., С. Т., С. Т., како и со обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви, а воедно истиот примал и испраќал СМС пораки. Од овие анализи се гледаат и базните станици во периодот кога биле остварувани телефонските комуникации, па неспорно е дека за време на настаните истиот бил во Собранието.

Видно од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Оливер Радулов за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 4 страни и за ден 27.04.2017 година на 3 страни за телефонскиот број ..., обвинетиот Оливер Радулов на критичниот ден 27.04.2017 година остварил повеќе телефонски комуникации при што истиот во вечерните часови остварил телефонски комуникации со обвинетите Никола Митревски-Кољо, Горанче Анѓеловски, истиот и на 28.04.2017 година во 02:38:58 часот се обидел да оствари комуникација со Б. В., а тоа е братот на обвинетиот Александар Василевски Нинџа, но истата не е оставрена, за да во 02:39:59 часот имал комуникација и со Б. В., а оваа комуникација е со времетраење од 33 секунди. И во оваа анализа се наведени базните станици на кои што обвинетиот се ноаѓал.

Согласно Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Мунир Пепиќ за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 6 страни и за ден 27.04.2017 година на 2 страни за телефонскиот број ... обвинетиот Мунир Пепиќ на 27.04.2017 година имал телефонски комуникации, примал и испраќал СМС пораки, а воедно се гледаат и базните станици на кои што се наоѓал при остварувањето на овие телефонски комуникации.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по

чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за Елена Доцевска Божиновска за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 2 страни и за ден 27.04.2017 година на 2 страни се гледа дека истата го користела телефонот со телефонски број ... на 27.04.2017 година, па и во период на настаните во Собранието, истата има примено СМС пораки, но има и испраќано СМС пораки. Од оваа анализа се гледаат и базните станици на кои што се наоѓала Елена Доцевска Божиновска и лицата со кои комуницирала во моментот на остварените контакти.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Иван Цветановски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 1 страна и за ден 27.04.2017 година на 2 страни за телефонскиот број ..., се гледа дека Иван Цветановски имал повеќе телефонски комуникации на 27.04.2017 година, дури и за време на настаните во Собранието.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за Б.Д. за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број ... на 5 страни, за телефонскиот број ... на 1 страна, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 3 страни и за телефонскиот број ... на 1 страна, јасно произлегува дека истиот бил активен на 27.04.2017 година и активно ги користел двата наведени телефонски броеви при што имал остварено телефонски комуникации со повеќе лица, испраќал и примал СМС пораки, истиот во периодот од 20:05:50 часот до 20:47:59 часот има СМС пораки со лицето Б.Ј. од Кабинетот на Претседателот на државата, а бил направен и обид за телефонски разговор со ова лице. Воедно, истиот токму за време на настаните на 27.04.2017 година има телефонска комуникација и со Богдан Илиевски-Бетмен која што комуникација помеѓу нив продолжила и на 28.04.2017 година. Меѓу останатото во оваа анализа се наведени и базните станици додека истиот имал телефонски комуникации.

Согласно Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Богдан Илиевски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 13 страни и за ден 27.04.2017 година на 9 страни за телефонскиот број ..., ова лице имало телефонски комуникации во наведениот период, како и на ден 27.04.2017 година, примал и испраќал СМС пораки и остварил повеќе разговори со повеќе лица меѓу кои и со Б.Д., Љ. Д., Игор Дурловски, Владо Јовановски, но интересно е дека за време на самите настани внатре во Собранието

имал телефонска комуникација со Б.Ј. од Кабинетот на Претседателот на државата, со пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ И.Д., а исто така интересно е дека има неостварена телефонска комуникација во 23:04:48 часот и 23:04:49 часот со С.Р., поранешен Министер за образование и наука и поранешен Министер за труд и социјална политика. На 28.04.2017 година остварена е и телефонска комуникација со И.К. од ВМРО-ДПМНЕ при што во оваа анализа се наведени и базните станици во време на остварувањето на телефонските комуникации.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Владо Јовановски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 4 страни и за ден 27.04.2017 година на 2 страни за телефонскиот број ..., се гледа дека на критичниот ден 27.04.2017 година истиот имал повеќе телефонски комуникации со повеќе лица.

Видно од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Игор Дурловски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 9 страни и за ден 27.04.2017 година на 4 страни за телефонскиот број ... , истиот на 27.04.2017 година има остварено повеќе телефонски комуникации со повеќе лица, а тука се и телефонските комуникации со Богдан Илиевски-Бетмен кои што се остварени за време на настаните во Собранието.

Согласно Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Стефан Младеноски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 1 страна и за ден 27.04.2017 година на 2 страни за телефонскиот број ..., ова лице има остварено повеќе телефонски комуникации на критичниот ден 27.04.2017 година меѓу кои комуникациите биле со Д.Д.-Д., со Михаел Младеноски, Захарие Симовски, но тука е и комуникацијата со лицето А. М..

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Михаел Младеноски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број ... на 7 страни, за телефонскиот број ... на 1 страна, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 7 страни и за телефонскиот број ... на 1 страна, се гледа дека ова лице во наведениот период и на 27.04.2017 година користело два мобилни телефонски броеви

преку кој остварувал повеќе комуникации со повеќе лица меѓу кои Д.Д.-Д., А.М., Стефан Младеноски, Захарие Симовски, лице со име М.И., при што на 27.04.2017 година во 14:20:50 часот има неостварена комуникација со обвинетиот Александар Василевски-Нинџа.

Видно од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Захарие Симовски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 3 страни и за ден 27.04.2017 година на 3 страни, истиот преку својот мобилен телефон со број ... на 27.04.2017 година има остварено повеќе телефонски комуникации со повеќе лица меѓу кои и Никола Митревски-Кољо, Стефан Младеноски, Дејан Давидовски-Дешо, Младен Додевски. Од оваа анализа се гледаат и базните станици при остварувањето на телефонските комуникации.

Согласно Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Младен Додевски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 10 страни и за ден 27.04.2017 година на 4 страни за телефонскиот број ..., овој обвинет има остварено повеќе телефонски комуникации со повеќе лица на 27.04.2017 година меѓу кои Никола Митревски-Кољо, Ф.М., Александар Василевски-Нинџа, Захарие Симовски и други, при што од анализата се гледаат и базните станици при остварувањето на телефонските комуникации.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Јане Ченто за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 13 страни и за ден 27.04.2017 година на 10 страни се гледаат телефонските комуникации на овој обвинет од неговиот мобилен телефон ... . Имено, истиот на 27.04.2017 година имал повеќе телефонски комуникации со повеќе лица меѓу кои Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Д.С., пратеник во Собранието, Александар Василевски - Нинџа, со членови на Македонското патриотско здружение „Пере Тошев“ преку телефонски број ..., но тука судот мора да нагласи дека истиот има примено и испратено повеќе СМС пораки со Б.Ј. од Кабинетот на Претседателот на државата и тоа токму во времето на настаните во Собранието. Во оваа анализа се наведени и базните станици при остварувањето на телефонските комуникации.

Видно од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018

година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Горанче Анѓеловски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број ... на 11 страни, за телефонскиот број ... на 2 страни, за телефонскиот број ... на 1 страна, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 9 страни, за телефонскиот број ... на 1 страна и за телефонскиот број ... на 1 страна, овој обвинет на наведениот период користел три мобилни телефонски броеви кои ги користел и на критичниот ден 27.04.2017 година и истиот имал повеќе комуникации со И.С., потоа комуникации со обвинетиот Јане Ченто, со обвинетиот Никола Митревски-Кољо со кого што има и СМС пораки, како и со обвинетиот Оливер Радулов, а во анализата се наведени и базните станици при остварувањето на телефонските комуникации.

Согласно Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Игор Југ за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 5 страни и за ден 27.04.2017 година на 4 страни, обвинетиот Игор Југ наведениот период, како и на 27.04.2017 година го користел мобилниот телефонски број ... од кој остварил повеќе телефонски комуникации со обвинетите Вилијам Михајловски и Јане Ченто, а во овој доказ се наведени и базните станици при остварувањето на телефонските комуникации.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Илија Славевски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 годинана 12 страни и за ден 27.04.2017 година на 10 страни за телефонскиот број ..., се гледа дека ова лице во наведениот период, а и на ден 27.04.2017 година има остварено повеќе телефонски комуникации меѓу кои и со обвинетиот Горанче Анѓеловски и тоа повеќе пати, а воедно во оваа анализа се гледаат и базните станици при остварувањето на телефонските комуникации.

Видно од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Влатко Трајковски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 4 страни и за ден 27.04.2017 година на 2 страни за телефонскиот број ..., истиот за време на настаните во Собранието на ден 27.04.2017 година остварил повеќе телефонски комункации со повеќе лица, но впечатливо е дека овој обвинет има повеќе комуникации со полицискиот службеник И.А.-П. и тоа токму за време на самите настани во Собранието, а од анализата се гледаат и базните станици при остварувањето на телефонските комуникации.

Од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Вилијам Михајловски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година на 8 страни и за ден 27.04.2017 година на 5 страни за телефонскиот број ..., видно е дека истиот има повеќе комуникации на 27.04.2017 година со повеќе лица, при што тука се и комуникациите со обвинетиот Игор Југ со кого има и СМС пораки, а од овој доказ се гледаат и базните станици при остварувањето на телефонските комуникации.

Од Збирната анализа на листинзи за сите обвинети КОИМ бр.19/17 од 21.03.2018 година, врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година, јасно произлегува дека биле обработени повеќе од 430.000 записи на влезно-излезна комуникација од вкупно 164 телефонски броеви во временскиот период од 05.01.2017 година до 29.01.2018 година при што била извршена анализа на вкупно 49 телефонски броеви кои во периодот од 01 до 30.04.2017 година ги користеле наведените лица при меѓусебна комуникација или комуникација со други лица, а се работи за Абдуљфета Алими, Александар Василевски-Нинџа, Богдан Иливески-Бетмен, Борис Дамовски, Вилијам Михајловски, Владо Јовановски, Влатко Трајковски, Горан Ѓошевски-Леви, Горанче Анѓеловски-Ќосе, Дејан Давидовски-Дешо, Душко Лазаров, Елена Доцевска Божиновска, Ж.П., Захарие Симовски, Иван Цветановски, Игор Дурловски, Игор Југ, Илија Славевски, Јане Ченто, Јохан Тарчуловски, Крсто Мукоски, Љубен Арнаудов, Љупчо Димовски, Митко Пешов, Митко Чавков, Митре Питроповски, Михаел Младеноски, Младен Додевски, Мунир Пепиќ, Никола Митревски-Кољо, Оливер Поповски, Оливер Радулов, Сашо Василевски, Сашо Марковски и Стефан Младеноски. Во однос на директната телефонска комуникација во наведениот период од 01 до 30.04.2017 година се издвојуваат две групи и тоа: во првата група вкупно 22 лица и тоа: Јане Ченто, Богдан Илиевски-Бетмен, Владо Јовановски, Илија Славевски, Игор Дурловски, Борис Дамовски, Вилијам Михајловски, Игор Југ, Горанче Анѓеловски-Ќосе, Никола Митревски-Кољо, Митре Питроповски, Оливер Радулов, Дејан Давидовски-Дешо, Младен Додевски, Захарие Симовски, Александар Василевски-Нинџа, Стефан Младеноски, Михаел Младеноски, Јохан Тарчуловски, Сашо Василевски, Љубен Арнаудов, Крсто Мукоски и Љупчо Димовски, а втората група е 8 лица и тоа: Оливер Поповски, Горан Ѓошевски-Леви, Елена Доцевска Божиновска, Сашо Марковски, Митко Пешов, Жаклина Пешевска, Митко Чавков и Душко Лазаров, притоа и за двете групи е направена шемата за нивната меѓусебна комуникација за наведениот период. Во овој временски период истите имаат комуникација и со други лица при што наведени се корисниците на телефонските броеви со кои комуницирале меѓу себе во месец април 2017 година. Во оваа анализа е наведена и директната телефонска комуникација и помеѓу обвинетите и лицата кои што беа обвинети, а потоа амнестирани и тоа во

временскиот период од 09:00 часот на 27.04.2017 година до 05:00 часот на 28.04.2017 година. Притоа, издвоени се 4 групи и тоа: првата група со вкупно 14 лица и тоа: Никола Митревски-Коњо, Оливер Радулов, Илија Славевски, Горанче Анѓеловски-Ќосе, Јане Ченто, Игор Југ, Вилијам Михајловски, Александар Василевски-Нинџа, Дејан Давидовски-Дешо, Михаел Младеноски, Стефан Младеноски, Захарие Симовски, Митре Питроповски и Младен Додевски, притоа направена е шемата за нивната меѓусебна комуникација во наведениот период. Токму од оваа шема повторно може да се види комуникацијата помеѓу овие лица, па неспорно произлегува дека обвинетиот Никола Митревски Коњо комуницирал со сега амнестираниот Митре Питроповски кој пак комуницирал со Алексасндар Василевски Нинџа кој меѓу останатите има комуникација и со Никола Митревски-Коњо. Потоа, Никола Митревски Коњо комуницирал со Младен Додевски, кој потоа има комуникација со Александар Василевски Нинџа. Обвинетиот Никола Митревски Коњо комуницирал со сега амнестираниот Захарие Симовски, кој пак има комуникација со обвинетиот Младен Додевски. Обвинетиот Никола Митревски Коњо имал комуникација со Дејан Давидовски-Дешо, кој потоа има комуникација со сега амнестираниот Захарие Симовски, кој пак има комуникација со сега амнестираниот Михаел Младеноски, кој комуницирал со Дејан Давидовски Дешо, а тој пак комуницирал со Никола Митревски Коњо. Обвинетиот има комуникација со обвинетиот Игор Југ кој има пак комуникација со Вилијам Михајловски. Никола Митревски има комуникација и со Горанче Анѓеловски и со Оливер Радулов, кој исто така има комуникација со Горанче Анѓеловски кој пак комуницирал и со Илија Славевски. Александар Василевски Нинџа според оваа шема има комуникација со Јане Ченто и останатите претходно наведени лица. Игор Југ има комуникација и со Јане Ченто. Оттука произлегува велокупната шема на комуникацијата на овие обвинети. Во втората група има 6 лица и тоа: Горан Ѓошевски-Леви, Оливер Поповски, Сашо Марковски, Митко Чавков, Митко Пешов и Душко Лазаров, повторно со прикажана шема за нивните телефонски комуникации и повторно тука може да се види дека првата комуникација помеѓу обвинетите Митко Чавков и Митко Пешов е на 28.04.2017 година, додека директна комуникација помеѓу обвинетите Митко Чавков и Душко Лазаров нема, но затоа пак има комуникација помеѓу обвинетите Митко Чавков и Горан Ѓошевски – Леви, кој пак има комуникација со Оливер Поповски и Сашо Марковски, а согласно шемата комуникација има и помеѓу Митко Пешов и Душко Лазаров. Во третата група се 4 лица, а тоа се: Борис Дамовски, Богдан Илиевски-Бетмен, Игор Дурловски и Владо Јовановски со прикажана шема за нивните телефонски комуникации. Четвртата група е од 2 лица и тоа: Сашо Василевски и Љубен Арнаудов, а нивната комуникација повторно е прикажана на изработена шема. Обвинетите во наведениот временски период и тоа на ден 27.04.2017 година и на ден 28.04.2017 година имале повеќе телефонски комуникации и со други лица при што и за овие комуникации во анализата е направена целосна шема. Со наведената анализа е

посечена и поединечната комуникација на обвинетите лица при што истата е прикажана со датум, време и базна станица, па оттука јасно произлегува дека помеѓу обвинетите имало и меѓусебна телефонска комуникација како што всушност и претходно поединечно е наведено, меѓутоа тука судот мора да истакне дека постои комуникација помеѓу обвинетите Никола Митревски Кољо и Младен Додевски, помеѓу обвинетите Јане Ченто и Горанче Анѓеловски, помеѓу обвинетите Игор Југ и Јане Ченто, Младен Додевски и Александар Василевски Нинџа, Игор Југ и Вилијам Михајловски, помеѓу обвинетите Александар Василевски Нинџа и Никола Митревски Кољо, помеѓу обвинетите Горан Ѓошевски Леви и Митко Чавков, потоа помеѓу обвинетите Горан Ѓошевски Леви и Оливер Поповски, Никола Митревски Кољо и Младен Додевски, Јане Ченто со Александар Василевски Нинџа, помеѓу Душко Лазаров и Митко Пешов, помеѓу Горанче Анѓеловски и Никола Митревски Кољо, Никола Митревски Кољо и Игор Југ, Никола Митревски Кољо со Оливер Радулов, Оливер Радулов и Горанче Анѓеловски, комуникација помеѓу обвинетите Митко Чавков и Митко Пешов, но тука повторно мора да се нагласи дека таа комуникација е на ден 28.04.2017 година. Воедно, во оваа анализа јасно се наведени и телефонските комункации помеѓу некои обвинети со лица кои што беа обвинети, а сега се амнестирани, па така има телефонска комуникација помеѓу Никола Митровски-Кољо и Захарие Симовски, помеѓу Стефан Младеноски и Младен Додевски, помеѓу Захарие Симовски и Младен Додевски, а тука се повторно наведени и комуникациите помеѓу полициските службеници со дел од обвинетите, при што посебно треба да се нагласи нивната комункација во поладневните часови, па така се гледаат комункациите помеѓу Марјан Петковски и Митко Пешов, а станува збор за повеќе нивни комуникации, потоа помеѓу С.Т. и Оливер Поповски, Т.С. и Оливер Поповски, Сашо Митевски и Оливер Поповски, помеѓу К.Б. и Митко Пешов, помеѓу Сашо Митевски и Митко Пешов, Митко Пешов и Б.Т., В.Т. со И.А., Оливер Поповски и Т.С., помеѓу Душко Лазаров и К.Б., помеѓу В.Н. и Митко Чавков, Горан Ѓорѓиевски и Митко Чавков, Горан Ѓорѓиевски со Митко Пешов Тука се и комуникациите помеѓу тогашниот Министер за внатрешни работи А.Н. и Митко Чавков и СМС пораките помеѓу нив, помеѓу И.В. и Митко Чавков, потоа наведена е и телефонската комунакција помеѓу тогашниот Министер за внатрешни работи А.Н. и Митко Пешов, помеѓу В.Н. и Митко Пешов, И.В. и Душко Лазаров, помеѓу Душко Лазаров и Митко Пешов, помеѓу Т.С. и Митко Чавков, Митко Пешов со С.П., помеѓу З.С. и Душко Лазаров. Тука е наведена и комуникацијата помеѓу обвинетиот Митко Чавков со Н.Г. на 27.04.2017 година 21:48:35 часот која е со времетраење од 76 секунди и други комуникации за кои што судот претходно се произнесе и од оваа анализа исто така јасно произлезе дека полициските службеници благовремено имале комункација со Раководителот на Оперативниот штаб, односно обвинетиот Митко Чавков, но и со обвинетите Душко Лазаров, Митко Пешов, Оливер Поповски и Горан Ѓошевски-Леви, но сепак истите не реагирале благовремено.

Судот при анализата на претходно наведените докази се осврна и на доказите на сега амнестираните лица од причина што овие докази беа изведени во текот на доказната постапка, а тоа е период кога истите имаа својство на обвинети. Овие докази допринесуваат за утврдување на фактичката состојба, па токму заради тоа судот даде осврт на наведените докази.

Со Решение за декласификација КО бр.66/17 од 22.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција се врши декласификација, односно промена од класифицирани акти со степен на класификација „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ.бр.19/17 од 08.03.2018 година изготвена од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, како и на Збирната анализа на листинзи за сите обвинети КОИМ.бр.19/17 од 21.03.2018 година, изготвена од страна на Правосудната полиција, Министерството за внатрешни работи, член на истражителниот тим согласно Наредба ДОВ.бр.14/17-7 од 05.07.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, во акти со „ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА" заради користење на истите како докази во судската постапка.

Видно од Писмениот извештај за извршено вештачење бр.24/1301-319/17 од 19.10.2017 година од Универзитет Свети Кирил и Методиј С., Медицински факултет, Институт за судска медицина, Криминалистичка и медицинска деонтологија истиот се однесува за задобиени повреди на лицата Д.М., Ф.Т.Р., Р.Ш.Ј., Х.Л., Б.Б., М.Д., Г.М., Д.М., Љ.Н., П.Ш., О.С., З.З. и Н.О. . Согласно овој извештај Д.М. на 27.04.2017 година за време на настаните во Собранието задобил повреда на носот, а имено се работи за суспектност на фрактура на носот. Согласно Извештајот од радиодијагностичкиот наод издаден од ЈЗУ УК за радиологија произлегува дека е утврден следниот рентгентски наод: се прати фрактура на врвот од обете коски со дискретна дислокација на коскените фрагменти, а присутен е субкутан едем, хематом. Се прати девијација на носниот септум во лево без фрактура. Задебелена лигавица во носниот канал десно со редукција на воздушниот столб од истата страна. Согласно овој извештај тој се задобил со телесна повреда со оглед дека се работи за фрактура на носните коски и контузија на левото колено. За Ф.Т.Р. утврден е следниот наод и мислење: F43. Симтоматологија предизвикана и асоцирана со изрази стресоген настан во кој таа чувствувала витална загрозеност, односно била физички нападната на работно место при што и биле нанесени телесни повреди од страна на други лица, а се работи за нагмеченици по телото. При самиот настан осетила силен страв и животна загрозеност, а после настанот се следи чувство на загрозеност, страв, изразито зголемување на анксиозност при елаборирање на стресогениот настан и последици од него. Таа се задобила со телесна повреда и согласно Извештајот кај неа биле видливи подливи по кожата на нозете. Во овие настани Р.Ш.Ј. се задобила со отворена рана на поглавината, при

што раната била хируршки обработена, сошиена. Х.Л. во овие настани бил повреден со тап удар и предмети во пределот на черепот и лицето, имал видлив крвен подлив во пределот на десното око, истиот се задобил со телесна повреда со оглед дека се работи за контузија на главата, нагмечно расцепна рана на десната очна регија, контузија на носот и слупување на лицето. Б.Б. во овие настани се задобил со следните повреди: контузија, оток и болна осетливост на главата, посекотина на главата, посекотина на лицето и контузија, болка при допир и оток на градниот кош од левата страна и на левата подлактица. Овие повреди кои што ги задобил се класифицираат како телесна повреда. За време на настаните од 27.04.2017 година со повреди се задобил и М.Д. и тоа: нагмечување на десната подлактица, слупување на кожата, нагмечување на главата и вратната кичма. Нагмечно расцепна рана на челната регија, состојба после шиење на убодна рана во тилниот предел и нагмечување на десниот колк и слупување во предел на зглобот на лактот на десната рака. Г.М. се задобил со телесна повреда и тоа: нагмечување на главата и долната вилица, а Д.В. се задобил со телесна повреда и тоа: контузија на двете подлактици и контузија на вратот, а опишани се како крвни подливи и болна осетливост во споменатите регии. ЉН. се задобил со Тешка телесна повреда, а имено станува збор за нагмечување на главата со нагмечно расцепна рана и поставување на шавови, контузија на десниот лакт поради што била поставена гипсена лонгета на лакт. Нагмечно-расцепната рана која се наоѓала во левата темена регија била сошиена и хируршки обработена. Во овие настани со телесна повреда се задобил и П.Ш. кој што имал хематом на десен хемиторакс и хематом на десна слепоочна регија. Кај О.С. било дијагностицирано лацерација на носот без сутура и девијација на носот, хематом на долен десен очен капак. Согласно РТГ наод констатирано е профилен радиограм на носни коски, а се детектирала и двојна попречна фрактура на носните коски без дислокација. Во настаните од 27.04.2017 година бил повреден и З.З., кој што имал потрес на мозокот, лацерација и хематом на главата. На главата бил констатиран крвен подлив во тилната регија и нагмечно-расцепна рана во челната регија. Оваа рана била хируршки обработена и поставени биле два шава и еден шав на горна усна поради лацерација. Со телесна повреда се задобил и Н.О. кој имал потрес на мозокот и контузија на главата и лицето, односно нагмечување со болна осетливост во предел на тилната регија и контузија на левата јаболчна регија, поради што бил примен на лекување во Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски"-Неврохирургија и тоа на ден 28.04.2017 година, а бил испишан на ден 29.04.2017 година.

Видно од Дополнувањето на барање за доставување на податоци бр.08-2031/3 од 22.03.2018 година, Собранието на РМ до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција го известува дека повеќе од 6 години не постои компјутер со соодветен софтвер што треба да е поврзан на системот за контрола на пристап, поради што не се вршело исчитување на картичките кои биле користени за пристап во кабинетот. За истиот

период не постои евиденција за тоа кој корисник со која картичка бил задолжен, односно ја користел.

Врз основа на Барањето за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Никола Митревски-Кољо КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, од страна на Основниот суд С. 1 С. издадена е Наредба за претрес на дом I КОК ПП бр.416/17 од 27.11.2017 година кај Никола Митревски- Кољо, па по извршениот претрес на домот составен е Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-/11798 од 28.11.2017 година на Министерство за внатрешни работи, СВР С., па видно од овој записник на истиот е наведено дека не се пронајдени предмети кои потекнуваат од кривично дело.

Согласно Потврдата од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Н.М. КР-29423/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С.1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, обвинетиот е повеќе пати осудуван и тоа: со Пресуда на овој суд К.бр.189/13 од 30.05.2013 година за кривично дело по чл.131 ст.1 од КЗ осуден е на казна затвор од 6 месеци; со Пресуда на овој суд К.бр.839/03 од 11.03.2004 година осуден е на казна затвор од 6 месеци за кривично дело по чл.236 ст.1 од КЗ; со Пресуда на овој суд К.бр.3505/11 од 09.11.2012 година за кривично дело по чл.396 ст.1 од КЗ изречена му е условна осуда 2 година условена за 5 години; со Пресуда на овој суд К.бр.2421/09 од 07.06.2010 година за кривично дело по чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ осуден е на парична казна од 33 глоби, односно сума во износ од 20.130,00 денари; со Пресуда на овој суд К.бр.3356/13 од 05.02.2014 година осуден е на казна затвор од 1 година и 6 месеци за кривично дело по чл.288 од КЗ; со Пресуда на овој суд К.бр.660/05 од 08.10.2015 година за кривично дело по чл.131 ст.3 од КЗ изречена му е условна осуда од 2 години условена за 5 години, додека од кривичната евиденција нема податоци.

Од страна на МВР на РМ, СВР-С. ОЕКР-ЕНК ОНКТЛПВП до Обвинителството доставено е писмено Известување бр.28.11.2/01-1607 КУ 4121/17 од 12.06.2017 година со прилог Фотодокументација без број и датум со 10 фотографии на МВР на РМ, Криминалистичка Техника и видно од истото обвинетите Н.М. и Игор Југ се забележани во видео записот од СТБ како се движат повеќу зградата на СТБ и Македонски Телеком со поголема група на граѓани и истите се упатуваат во внатрешноста на ГТЦ-С., тоа е фолдер „Приод пред Телеком-“видо клип Ch12_20170427194835.mp4, а се работи за временски период од 19:48 до 19:49 часот каде времето на видео записот е 1 час понапред од реалното време, за што била изготвена и фотодокументација. Од фотодокументацијата се гледа обвинетиот Н.М. како се турка со толпата и се пробива, потоа истиот се гледа и во ходникот пред Прес салата во Собранието, се приближува до ОСЛ и со тупаница го удира во пределот на главата, а на сликите 9 и 10 се гледа како обвинетиот Н.М. поминува

покрај СТБ и зградата на Македонски Телеком со поголема група на граѓани и се упатува во ГТЦ.

Согласно Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Никола Митревски-Кољо за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број ... на 21 страна, за телефонскиот број ... на 1 страна и за телефонскиот број ... на 3 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 8 страни и за телефонскиот број ... на 1 страна, обвинетиот Никола Митревски-Кољо во назначениот период имал повеќе телефонски комуникации со повеќе лица. На 27.04.2017 година тој остварил повеќе телефонски комуникации со неговиот брат Ф.М., потоа со обвинетите Младен Додевски, со Александар Василевски-Нинџа, со Горанче Анѓеловски, Игор Југ, со Оливер Радулов, но имал телефонски комуникации и со тогаш обвинетите, сега амнестирани Захарие Симовски и Митре Питроповски. Истиот има и добиено и испратено СМС пораки, а воедно наведени се и базните станици на кои се наоѓале посочените лица во моментот на остварување на телефонските комуникации.

Обвинетиот Александар Василевски е осудуван што е видно од Потврдата од казнена и кривична евиденција КР-29433/17 од 28.11.2017 година издадена од Основен суд С. 1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција. Имено, со Пресуда на овој суд К.бр.189/13 од 30.05.2013 година за кривично дело по чл.131 ст.1 од КЗ истиот е осуден на казна затвор од 10 месеци; со Пресуда на овој суд К.бр.1112/02 од 09.05.2003 година за кривично дело по чл.140 ст.ч1 од КЗ осуден е на парична казна во висина од 90.000,00 денари; со Пресуда на овој суд К.бр.1960/01 од 26.05.2006 година за кривично дело по чл.258 ст.1 од КЗ изречена му е условна осуда од 1 година условена за 3 години и со Пресуда на овој суд К.бр.3356/13 од 05.02.2014 година за кривично дело по чл.288 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ осуден е на казна затвор од 2 години.

Во текот на постапката како доказ беше изведена и Потврда од казнена и кривична евиденција за обвинетиот Митре Питроповски КР-29425/17 од 28.11.2017 година од Основен суд С.1 С., Одделение за казнена и кривична евиденција, но со оглед да во меѓувреме истиот е амнестиран судот воопшто нема да се осврнува на содржината на овој доказ.

Врз основа на Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на Александар Василевски-Нинџа КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, од страна на овој суд издадена е Наредба за претрес на дом на лицето Александар Василевски-Нинџа I КОК ПП бр.397/17 од 27.11.2017 година, а по извршениот претрес бил составен Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.28-/11623/1 од 28.11.2017 година од страна на МВР на РМ, СВР С. и видно од истиот во домот на обвинетиот била пронајдена

1 дозвола за оружје на име Василевски Александар издадена на 08.07.2011 година со важност до 08.07.2021 година со рег.бр. на дозвола 4819; полуавтоматско долго огнено оружје чиј магазин и лежиште на куршуми може да примаат повеќе од 3 куршуми, категорија на оружје Б 4, марка FABARM, модел SATS 8 калибар 12 GAX3 фабрички број ..., уште една цевка со ознака 12/76 ... и прибор кој што следува со пушката, 1 кутија со три делови од истата, како и кутија за чување на пушката FABARM WEA PONS NATO NICAGE AI 1469. Сите наведени предмети биле одземени, што е видно од Потврдата за привремено одземени предмети бр.28-118244 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С. .

Во текот на доказната постапка беа изведени и следните докази: Барање за издавање на наредба за претрес на дом и други простории на лицето Митре Питроповски КО бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција; Наредба за претрес на дом на лицето М.П. I КОК ПП бр.395/17 од 27.11.2017 година на Основен суд С. 1 С. и Записник за претрес на дом и други простории или лице бр.7062 од 28.11.2017 година на МВР на РМ, СВР С., но со оглед да ова лице во меѓувреме беше амнестирано, судот нема да се осврнува на овие докази кои што всушност и не се битни за утврдување на фактичката состојба.

Обвинетиот Александар Василевски-Нинџа во текот на месец април 2017 година имал повеќе телефонски комуникации и СМС пораки што е видно од Анализата на листинзите за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година, која што анализа е изготвена врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за обвинетиот Александар Василевски-Нинџа за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број ... на 4 страни, за телефонскиот број ... на 4 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 2 страни и за телефонскиот број ... на 3 страни. Согласно оваа анализа, обвинетиот имал повеќе телефонски комуникации и на 27.04.2017 година, а имено истиот телефонски комуницирал со неговиот брат Б.В. кој што бил обезбедување на Н.Г., потоа комуницирал со обвинетите Младен Додевски, Никола Митревски –Кољо и Јане Ченто, при што судот мора да нагласи дека помеѓу овој обвинет и неговиот брат има и повеќе СМС пораки и тоа во периодот од 14:13:50 заклучно со 17:02:13 часот.

Видно од Анализата на листинзи за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година изготвена врз основа на Наредба за спроведување на посебна истражна мерка по чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП, КОИМ бр.19/17 од 08.03.2018 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за Митре Питроповски за период од 01.04.2017 до 30.04.2017 година за телефонскиот број ... на 4 страни, за ден 27.04.2017 година за телефонскиот број ... на 1 страна, Митре Питроповски на 27.04.2017 година остварил телефонска комуникација со обвинетите Никола Митревски-Кољо и Александар Василевски-Нинџа.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција издало Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 14.06.2018 година одземен од обвинетиот Александар Василевски, а се работи за мобилен телефон марка SAMSUNG златна боја со ИМЕИ 1 ... и ИМЕИ 2 ... со СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903317229221428 и кориснички број .... Со оваа наредба се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со кмобилни телефноски бгроеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и друго; постоечки или бришани записи на СМС или ММС поради во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите Skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messenger, Viber и друго; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет, веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook како и на други социјални мрежи и фрагменти или постоечки e-mail профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјлани мрежи за дружење со време на активирање и посетување. Согласно оваа наредба вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Со писмен Допис за доставување мобилен телефон IV КОК-ПП.бр.384/17-30 од 14.06.2018 година од страна на судија на претходна постапка при овој суд до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставен е мобилен телефон марка „Самсунг“ со ИМЕИ ... и ИМЕИ ... со СИМ картичка од мобилен оператор ВИП и батерија за мобилен телефон.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до мобилниот оператор ОНЕ. Вип доставил Барање ДОВ.бр.26/17 од 14.06.2018 година, со кое што бара во електронска форма да доствaт податоци за телефонскиот број ... за временскиот период од 11.06.2018 година до 14.06.2018 година. Листинзите да содржат податоци за: повикувачки број, име и презиме на повикувачот, адреса на повикувачот, град на повикувачот, број на повикувачот, ИМЕИ на повикувачот, ЕМБГ на повикувачот, келија на повикувачот, име на локација на повикувачот, адреса на локација на повикувачот, повикан број, име и презиме на повикан, адреса на повикан, град на повикан, П.бр. на повикан, ИМЕИ на повикан, ЕМБГ на повикан, келија на повикан, локација на повикан, адреса на локација на повикан, времетраење на разговорт, датум/време на разговор, тип на повик, броеви кои се користени од тие ИМЕИ апарати, од кога е активна СИМ картичката на сопственикот на телефонскиот број,

податоци со локација по базни станици. Воедно, се бараат и податоци во смисла доколку телефонскиот број напред е претплатник кај одреден мобилен оператор, а има префикс од друг мобилен оператор да се назначи и тоа во листингот.

Мобилниот оператор ОНЕ.ВИП до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција со Известување бр.10-3654/2 од 19.06.2018 година ги доставил бараните податоци во елетронска форма.

Видно од писмениот допис насловен како Допис за доставување мобилен телефон IV КОК-ПП.бр.384/17-30 од 18.06.2018 година од судија на претходна постапка, до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција е доставен мобилен телефон марка „Самсунг-Дуос-Ј1" со СИМ картичка од мобилниот оператор ВИП со ИМЕИ 1 ... и ИМЕИ 2 ... со ВИП картички со сериски број 8938903317247058299 и 8938903317247058281 заедно со батерија за мобилен телефон.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција издало Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 22.06.2018 година одземен од обвинетиот Александар Василевски, а се работи за мобилен телефон марка SAMSUNG SM –J106-H/DS со ИМЕИ 1 ... и ИМЕИ 2 ... со СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903317247058281 и СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903317247058299. Со оваа наредба се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и друго; постоечки или бришани записи на СМС или ММС поради во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите Skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messenger, Viber и друго; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет, веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook како и на други социјални мрежи и фрагменти или постоечки e-mail профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјлани мрежи за дружење со време на активирање и посетување. Согласно оваа наредба вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Видно од Барањето до мобилниот оператор Оне. Вип ДОВ.бр.26/17 од 22.06.2018 година ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција

бара известување во смисла да бидат доставени кориснички телефонски броеви и PIN PUK кодови за СИМ картичките со следните броеви: 8938903317247058281 и 8938903317247058299.

Видно од Известувањата од мобилниот оператор ОНЕ.Вип бр.10-3760/3 од 11.07.2018 година и бр.10-3760/2 од 04.07.2018 година доставени се податоци согласно кои СИМ број ... е на телефонскиот број ..., а станува збор за ПУК .., а СИМ број ... е на телефонскиот број ... со ПУК ... .

Со писмен Допис за доставување мобилен телефон IV КОК-ПП.бр.384/17-30 од 26.06.2018 година од судија на претходна постапка до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставен е мобилен телефон марка „Самсунг“ златна боја со СИМ картица од мобилниот оператор ВИП со ИМЕИ ... и ИМЕИ ... , 5 СИМ картици од ВИП, слушалки и 2 полначи.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција издало Наредба за вештачење на мобилен телефон КО бр.66/17 од 28.06.2018 година одземен од обвинетиот Александар Василевски, а се работи за мобилен телефон марка SAMSUNG SM –J106-H/DS со ИМЕИ 1 ... и ИМЕИ 2 ... со СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903317247095176, СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903317247095234, СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903318015036798, СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903317247161077, СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903317247095226 и СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903318015036780. Со оваа наредба се бара да се изврши анализа, проверка на содржината на следните околности: постоечки или бришани контакти, како и листа на дојдовни и појдовни повици со мобилни телефонски броеви, време и дата; постоечки или бришани датотеки во текстуален екстензиски формат, фотографски екстензиски формат, видео екстензиски формат и друго; постоечки или бришани записи на СМС или ММС поради во дојдовен и појдовен формат на телекомуникациски сообраќај со време и дата; постоечки или бришани фрагменти на интернет историја, профили на интернет (чат) комуникација, како и објавени содржини од истата со временски периоди на логирање и користење преку апликациите за комуникациите Skype, ICQ, Twitter, Facebook, Live messenger, Yahoo messenger, Viber и друго; постоечки или бришани записи на кориснички имиња и лозинки за навлегување во интернет, веб хост сервер; постоечки или бришани фрагменти на креирани или посетувачки профили на социјалните мрежи за дружење Facebook како и на други социјални мрежи и фрагменти или постоечки e-mail профил, електронски поштенски сандачиња и содржини во нив како и прикачени документи со нивно време на креирање или бришење, како и профили на јавни и социјлани мрежи за дружење со време на активирање и посетување.

Согласно оваа наредба вештачењето треба да го изврши МВР на РМ, ЦПС, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика.

Видно од Барањето до мобилниот оператор Оне.Вип ДОВ.бр.26/17 од 09.07.2018 година се бараат податоци за кориснички телефонски броеви и PIN и PUK кодови за СИМ картичките со следните сериски броеви: 8938903317247095176, 8938903317247095234, 8938903318015036798, 8938903317247161077, 8938903317247095226 и 8938903318015036780.

Мобилниот оператор ОНЕ. Вип ги доставил бараните податоци со Известување бр.10-4123/2 од 11.07.2018 година, па видно од истото СИМ број ... е со телефонски број ...ПУК ...; СИМ број 8... е со телефонски број ... ПУК ... ; СИМ број ... е со телефонски број ... ПУК ...; СИМ број ... е со телефонски број ... ПУК ...; СИМ број ... е со телефонски број ... ПУК ... и СИМ број ... е со телефонски број ... ПУК ... .

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до мобилниот оператор Оне. Вип доставил Барање ДОВ.бр.26/17 од 12.07.2018 година, со кое што бара во електронска форма да достават податоци за телефонските броеви ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... , ... и ... за временскиот период од 11.06.2018 година до денот на изготвување на одговорот. Листинзите да содржат податоци за: повикувачки број, име и презиме на повикувачот, адреса на повикувачот, град на повикувачот, број на повикувачот, ИМЕИ на повикувачот, ЕМБГ на повикувачот, келија на повикувачот, име на локација на повикувачот, адреса на локација на повикувачот, повикан број, име и презиме на повикан, адреса на повикан, град на повикан, П.бр. на повикан, ИМЕИ на повикан, ЕМБГ на повикан, келија на повикан, локација на повикан, адреса на локација на повикан, времетраење на разговорот, датум/време на разговор, тип на повик, броеви кои се користени од тие ИМЕИ апарати, од кога е активна СИМ картичката на сопственикот на телефонскиот број, податоци со локација по базни станици. Воедно, се бараат и податоци во смисла доколку телефонскиот број напред е претплатник кај одреден мобилен оператор, а има префикс од друг мобилен оператор да се назначи и тоа во листингот.

На ден 08.03.2018 година ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција донело Наредба за спроведување на посебна истражна мерка КОИМ бр. 19/17 од 08.03.2018 година со која се определува спроведување на посебна истражна мерка-увид во остварени телефонски и други електронски комуникации од чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП. Посебната истражна мерка-увид во остварени телефонски и други електронски комуникации треба да опфати анализа на остварена комуникација на лицата кои што се опфатени со Наредбата за спроведување на истражна постапка КО.бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција како и сведоците во постапката и тоа: телефонска комуникација на телефонски броеви кои ги користеле лицата кои што се опфатени со наредбата за спроведување на истражна постапка КО.бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран

криминал и корупција како и сведоците во постапката во период од 01.04.2017 година до 30.04.2017 година само со критериуми, датум; телефонска комуникација на телефонски броеви кои ги користеле лицата кои што се опфатени со Наредбата за спроведување на истражна постапка КО.бр.66/17 од 27.11.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, како и сведоците во постапката во период од 27.04.2017 година од 09,00 часот до 28.04.2017 година до 05,00 часот со критериуми, датум, време и базна станица. Посебната истражна мерка требала да ја спроведе Правосудната полиција, МВР на Р.М., член на истражниот тим согласно Наредба ДОВ.бр.14/17-7 од 05.07.2017 година на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, под контрола на Јавниот обвинител, а при спроведувањето на посебната истражна мерка, ќе се применат техничките средства со кои располага МВР на Р.М. .

Видно од Барањето КО бр.66/18 од 24.10.2018 година од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до СТБ АД С., од страна на Банката до ОЈО С. биле доставени 2 DVD со видео записи од камерите од видео надзор поставени на експозитура на СТБ лоцирана на ул. „Кеј 13-ти Ноември“ за 27.04.2017 година, но при прегледувањето на овие видео записи било утврдено дека на едното DVD кое е од видео надзор на камера која гледа кон ресторан „Дион“ времето кое се гледа на видео записот е веројатно точно со оглед на континуитетот на дејствијата и движењето на лицата, додека на другото DVD кое било од видео надзор на 2 камери и е со натпис „Приод кон Телеком“ и „Е-банк“ е прикажано време кое е 1 час понапред од времето прикажано на видео записот од камерата која гледа кон ресторан „Дион“, па затоа Обвинителството бара да бидат известени од кои причини на овие видео записи од различни камери постои разлика во временските периоди прикажани на истите и на кои од овие записи е прикажано точното време.

Од страна на наведената банка до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставен е писмен Одговор број 09/910-2(18) од 29.10.2018 година, па видно од истиот разликата во времето на двете DVD-ја се должи на тоа дека на уредот за снимање кој покажува отстапување од 1 час времето не било подесено според сезонското менување на времето, а истото се сетира рачно. Кога се вадела снимката од уредот се водело сметка за тоа и токму затоа има отстапување од 1 час.

Од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција била издадена Наредбата за дополнително вештачење КО бр.66/17 од 07.05.2018 година по која постапувало МВР на РМ, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика. Имено од страна на МВР на РМ, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика била изготвена и доставена Фотодокументација МУ бр.05-2018 од 21.08.2018 година, со две фотографии на мобилниот телефон марка Samsung модел SM-G935F заедно со прилог едно USB со ознака addlink со капацитет од 32 GB и едно

ЦД со ознака USB Write protect заедно со мобилен телефон марка Samsung модел SM-G935K со ИМЕИ ... без сим картичка. На овие фотографии се гледа наведениот телефон од предната и задната страна. Фотодокументацијата МУ бр.177-2017 од 28.02.2018 година со четири фотографии од МВР на РМ Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика од мобилен телефон марка Samsung модел J5 (SM-J510VN) заедно со прилог едно USB со ознака addlink со капацитет од 32 GB и едно ЦД со ознака USB Write protect се однесува на двата мобилни телефони Samsung модел J5 (SM-J510VN) со ИМЕИ ... со СИМ картичка од мобилен оператор Телеком со сериски број 8938901170224139471 VGD2 и мобилен телефон марка Samsung модел S4 (GT-I9505) со ИМЕИ ... со СИМ картичка од мобилен оператор ВИП со сериски број 8938903316133182262, а истите се сликани од предната и задната страна. Фотодокументација МУ број 05-2018 од 03.08.2018 година со две фотографии на МВР на РМ, Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика со прилог 1 USB со ознака Verbatim со капацитет од 16 GB и едно ЦД со ознака USB Write protect и на истите се гледа мобилниот телефон марка „Самсунг“ модел SM-G935F со ИМЕИ ..., сина боја, без СИМ картичка и тоа од предната и задната страна.

Судот при одлучувањето ги ценеше и доказите на одбраната и тоа како вербалните така и писмените докази. Судот мора да нагласи дека во текот на постапката беа изведувани докази на сите обвинети што значи и на тогаш обвинетите, а сега амнестирани лица. Судот ќе даде осврт и на овие докази посебно на оние докази кои што можат да допринесат за утврдување на фактичката состојба. Посебно треба да се нагласи и фактот дека меѓу овие докази има и искази на сведоци предложени од тогаш обвинети, а сега амнстирани, а тоа се сведоци кои што зборуваат не само за овие лица туку зборуваат за настаните од 27.04.2017 година, заради што судот ќе даде осврт на истите. Пред се судот ќе ги анализира доказите на тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Крсто Мукоски.

Сведокот М.А. наведе дека во периодот од  2014 до 2016 година била Пратеник во Собранието на РМ кога и престанал мандатот, а на 27 април 2017 година, како и многу луѓе така и таа била дел од протестите „За заедничка М.“. Тој ден на 27 април заедно со нејзините  другари и пријатели од Ч.,  бидејќи од таму потекнува, односно живее во Општина Ч., заедно со нив се упатила кон протестот пред Владата на РМ. Ја повикале пријателите од Ч., бидејќи и покрај тоа што била Пратеник во Собранието, таа била и кандидат за Градоначалник на локалните избори 2013 година за Општина Ч., па прво од патриотски причини одела на протестот, второ одела заради нејзините другари, пријатели, соседи кои што се патриотски настроени и имаат љубов кон татковината. Појаснува дека од Владата се упатиле со поворката до пред Собранието на РМ. Периодот додека траеле, сите тие секојдневни протести биле навистина прекрасни, позитивни, немало никаков проблем. Наведува дека на тие протести имало и дечиња со колички, мајки, бремени жени, повозрасни

лица, пензионери, едноставно со еден збор домаќини луѓе го посетувале тој протест. Појасни дека вака опишувајќи се обидува да ја долови комплетната слика на сите таму 70-80 дена на тој протест, да ја долови сликата за тоа каков народ марширал низ центарот на градот. Наведе дека се пееле песни, имало присутни и лица од организаторите, претпоставува, на протестот „За заедничка М.“ кои што држеле патриотски говори на импровизирана бина, потоа следеле и патриотски песни, мисли дека чувството на народот тогаш било позитивно, со овации, се чувствувала една позитивна атмосфера, среќни лица, луѓе за кои што смета дека си ја сакаат државата и лица кои што претпоставува сакаат сеуште да се вика државата РМ. Појасни дека околу 17:30, 17:20, односно 17:40 се создала некоја чудна атмосфера во смисла возбуда, бидејќи во таа маса на народ од околу 5-6 илјади луѓе, сите биле вклучени на интернет, односно биле активни на социјалните мрежи бидејќи гледале Фејсбук лајф стрим од Собранието, односно од собраниската сала на Парламентот. Веднаш се расчуло по народот дека некој пеел една химна, друга химна, а таа стоела пред „Халк банка“ и наеднаш се создало едно стампедо од народ, бидејќи прв пат учествува на протест и првпат и се случува во животот таква глетка и слика, се уплашила, доживеала еуфорично чувство, чувство на паника, возбуда, треперење на телото и мисли дека ова чувство го имале многу луѓе, односно сите практично доживеале шок. Никој не очекувал дека може да се случи такво нешто бидејќи навистина протестите во изминатите месец и половина – два, навистина биле пријатни и позитивни. Појасни дека таа стоела покрај Халк банка и кога тргнала толпата со народ, таа се приближила до полициската куќарка и оттука го гледала народот како се наоѓа веќе пред вратите на Собранието, претпоставува дека тропале, лупале, односно стоеле пред вратите. Од љубопитност направила две-три фотографии и видно вознемирена гледала што се случува, потоа народот влегол, влегла и таа да ги види колегите, да се консолидира со народот. Се задржала околу 15-тина минути и потоа излегла бидејќи било многу топло во салата во Собрание каде што седат пратениците. Појасни дека тој ден на 27 април со актуелните пратеници на ВМРО ДПМНЕ немала апсолутно никаква комуникација, ниту пак со актуелните пратеници, нејзини поранешни колеги, поединечно со никој од нив. Нејзината комуникација тој ден била во една поранешна Вибер група на пратеничкиот состав од 2014 до 2016 година. Таа Вибер група во тој период од 2014 до 2016 им служела на нив пратениците вкупно на број 62 и тоа тогаш за побрз проток на информации во службена смисла, заради нивна интерна побрза комуникација во размена на информации во врска со закажани координации на работни тела, па преку оваа група добивале информации и за тоа дали некој од пратениците е надвор од државата за да во тој случај се обезбеди негова замена. Појасни дека покрај службеното, официјално повикување, пратениците помеѓу себе комуницирале на овој начин. Оваа група на Вибер била од времето кога таа била пратеник, но и потоа таа Вибер група останала во нивните телефони и таа Вибер група

сеуште постои бидејќи администраторот ги нема избришано сите, затоа групата е се уште активна и смета дека е тоа добро затоа што сеуште се во комуникација иако тоа ретко се случува. Наведе дека тој ден, на 27 април, нејзина колешка која што не е од С., за првпат пишала тој ден во групата, односно неколку дена претходно, мисли и месеци наназад ретко пишувале, колешката за првпат тој ден пишала во Вибер групата порака која што била со патриотски зборови напишана, со поддршка кон пратениците и била испратена, односно било испратено видео со химната на М. или со химната на ВМРО-ДПМНЕ, не може да се сети точно за која химна станува збор. Потоа пишала и друга колешка, колку што се сеќава тоа било по пеењето на македонската химна од страна на поранешниот нејзин колега Крсто Мукоски. Потоа следеле уште две-три колешки кои што дале поддршка, пораките гласеле „Браво“, „Браво македонци наши пратеници“, „Браво за М. се работи“, „Имате поддршка“, „браво пратеници“ итн. во тој контекст биле пораките, во патриотска смисла кажани, испишани. Наведе дека после околу половина час, или 15-20 минути и таа напишала порака, а потоа следеле уште неколку пораки од поранешни пратенички, тогаш соговорнички во дадениот момент во Вибер групата. Во периодот кога народот се упатил према вратите пред Собранието, пред собраниските врати, во истата таа група, тука веќе и кај неа биле присутни емоциите, паниката, стресот и возбудата, таа на нејзините поранешни колеги им пишувала, некои не биле присутни на протестот, некои биле присутни на протестот и колеги кои што се пратеници во Собранието. Наведе дека во тој момент кога влегувал народот, таа за да им ја долови сликата на нејзините претходни соговорнички на групата со кои што во дадениот момент се допишувале, а дел од нив сигурна е дека не биле присутни, појасни дека како соговорник зборува не во свое име, не во множина, во некое трето лице, па притоа им кажува на колешките дека народот веќе влегува во Собранието, а во меѓувреме им ги пратила и оние две-три фотографии што ги направила за да им ја долови атмосферата, испратила слики дека народот влегува. Нејзините испишани пораки, појаснува дека немаат никаква врска со обвинетите, со нејзините колеги обвинети, нејзини поранешни колеги, сегашни пратеници, во таа еуфорија, во тој стрес, во голем дел од пораките имало и доста печатни грешки, што сакала тогаш да напише навистина не знае, но единствена причина за комуникацијата е да ја долови атмосферата за случувањата. Ова се однесува на случувањата надвор, посебно за стампедото од народ. Појаснува дека доколку тој ден никој не напишел порака во Вибер групата, сигурна е дека и таа не би напишала, никогаш не би и паднало на ум таа лично да биде првата која што ќе пише во нивната поранешна пратеничка група на Вибер, така да тие пораки и онаа комуникација која што ја имала со колешките е чисто информативна, повеќето од нив малку и патриотски пишувале, а со оглед на тоа дека биле надвор во таа атмосфера и таа била понесена, вознемирена и тие пораки навистина ги напишала, односно ги напишала во еуфорија, во афект, со печатни грешки, а тврди дека со никој од пратениците немала никава комуникација и тоа не само

тој ден туку и претходно. Напомена дека во врска со 27 април никој не и се јавил, никој не ја контактирал, со никого немала комуникација, немала комуникација ниту со Крсто Мукоски. Нејзиното делување било мирољубиво, позитивно, одела со среќа и со радост на тие протести и многу жали за тоа што се случило и што се случува и сочувствува со сите колеги и обвинети.

Овој сведок беше предложен од тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Крсто Мукоски, па судот се осврна и на овој доказ од причина што сведокот зборува за настаните кои се случија на 27.04.2017 година, а не само за дејствија на Крсто Мукоски. Сведокот во својот исказ зборува за своите чувства на 27.04.2017 година, за причините зошто влегла во Собранието и за пораките кои ги примала и праќала во Вибер групата, наведувајќи дека тој ден немала никаква комуникација со пратеници од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ. Истата наведув дека во Собранието била само кратко време. Судот не може да поклони верба на исказот на овој сведок од причина што смета дека истиот е спротивен на изведените докази, а посебно на СМС пораките кои ги примила и испратила на критичниот ден. Спротивно на нејзиниот исказ од доказите јасно произлезе дека станува збор за добро осмислен и организиран настан на 27.04.2017 година. Овој сведок бил и пратеник, па многу добро знае што значи насилен влез на толпа народ во внатрешноста на Собранието. Ваквиот исказ кој што е пристрасен сведокот го даде со единствена цел да им помогне на обвинетите.

Судот нема да се осврнува на сите доставени стенографски белешки, доставени од тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Крсто Мукоски, но мора да се осврне на Стенографските белешки од 12-тото продолжение од Конститутивната седница на Собранието на РМ одржана на 27 април 2017 година од кои јасно се гледа дека тогашниот Претседавач на Собранието Т.В. пред да биде прекината седницата навел дека пратеникот И.З. има процедурално, при што му се обратил на истиот со зборовите „Господине И.З. Вие имате процедурално“, но овој пратеник воопшто не бил пријавен за процедурално и ова е всушност констатирано во овие белешки, а ова нешто е во склад и со исказот на сведокот В.М. кој што даде осврт токму на ваквата ситуација, заради што и истиот наведе дека се работи за смислено сценарио. Овој доказ е причина повеќе зошто судот му поклони целосна верба на исказот на тој сведок. Од повеќе изведени докази и повеќе искази на сведоци јасно произлезе дека пратеникот З.И. откако добил збор испеал дел од албанската химната на албански јазик како што е наведено впрочем во стенографските белешки и тоа од говорницата во Пленарната сала за да веднаш потоа тогашниот Претседавач Т.В. тука ја прекинал седницата и тоа во 18:01 часот, што повторно е видно од наведените стенографски белешки.

Во текот на доказната постапка беа изведени и писмени докази на тогаш обвинетиот, а сега амнестриран Сашо Василевски при што судот само ќе се осврне на овие докази од неколку аспекти, а ова од причина што истите всушност допринесуваат за утврдување на фактичката состојба што значи ова се докази кои што не се однесуваат исклучиво за лицето Сашо Василевски. Имено, доставен е Деловникот на Собрание на РМ во кој што согласно чл.107 е предвидено дека за работата на седницата на Собранието се водат стенографски белешки. Судот нема да се осврнува на доставените стенографски белешки со оглед дека за самите настани на ден 27.04.2017 година битно е што всушност се случувало во внатрешноста на Собранието, а претходно судот се осврна на Стенографските белешки од дванаесссетото продолжение на Конститутивната седница на Собранието одржана на критичниот ден.

Во Правилникот за внатрешен ред на Собранието на РМ од ноември 2011-та, што е уште во сила точно е наведено кој може да влегува во зградата на Собранието, при што во чл.5 од овој Правилник се поединечно наброени лицата кои што може да влегуваат во Собранието и никаде не е предвидено влез на маса народ во истото, туку напротив во чл.13 од Правилникот и тоа во т.3 јасно е наведено дека на денот за кој е свикана седница на Собранието или на денот кога се одржува седница на Собранието, а истовремено се одржуваат и протести пред зградата на Собранието, координатор на пратеничка група може да врши прием на странки, кои се овластени претставници на лицата кои протестираат заради консултации. Барањето на приемот и приемот се врши преку писмен образец. Во конкретниот случај не станува збор за прием на овластени претставници на лицата кои протестираат. Воедно судот мора да нагласи дека согласно чл.14 т.4 од Упатството за спроведување на Правилникот за внатрешен ред на Собранието од ноември 2017 година, работниците на обзбедувањето вршат надзор и контрола при внесувањето и изнесувањето предмети од зградата на Собранието и се грижат за отворање и затворање на влезните врати од влезовите во зградата на Собранието. На 27 април 2017 година токму дел од лицата од обезбедувањето не само што не се грижеа за отворањето и затворањето на влезните врати, туку напротив од изведените докази јасно произлезе дека тие всушност беа неми набљудувачи при отворањето на влезните врати во Собранието. Имено во холот пред влезните врати јасно се виде пасивното однесување на обвинетите Горан Ѓошевски-Леви, Абдуљфета Алими, но тука беше и обвинетиот Оливер Поповски.

Во текот на доказната постапка беа изведени и материјални докази на тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Љупчо Димовски, а станува збор за репродукција на снимка со ознака New folder прва снимка која што е 6А од

07.06.2013 година, снимка означена како 6В од 07.06.2013 година, снимка со број 8 од 06.10.2014 година, снимка означена како број 9 од 06.10.2015 година, снимка означена со фолдер под број 10 со датум од 18.03.2015 година, снимка означена како фолдер 11 од 30.03.2015 година, фолдер 12 од 01.12.2016 година, снимка под број 3 од 22.09.2017 година, меѓутоа судот воопшто нема да се осврнува на овие докази токму од причина што ова лице е амнестирано, а наведените докази се всушност снимки кои се однесуваат само на ова лице и тоа за негови движења, гестикулации и слично, што значи овие докази не допринесуваат за утврдување на фактичката состојба.

Обвинетиот Митко Чавков со своја листа на докази предложи изведување на вербални и материјални доказ, па така беше сослушан сведокот Н.Д. кој во својот исказ наведе дека е вработен во МВР на РМ, а во моментот работи во Одделот за обезбедување на објекти ангажиран со наредба, односно со решение во Одделот за обезбедување на личности, Шестта управа. Во МВР е вработен од 2001 година, во Единица за специјални задачи „Тигар" каде работи се до 2014 кога бил ангажиран од тогашниот Командант за обезбедување на Директорот на БЈБ, а како вработен во ЕСЗ од 2001 до 2014 бил ангажиран во повеќе организациони единици од страна на тогашните команданти, односно од месец август 2014 година до 2017 година не знае точно кога бил ангажиран за обезбедување на тогашниот Директор на БЈБ Митко Чавков. Наведе дека со колегите правеле неделен план за работа според ангажманите и движењата на Директорот, но истото не било стриктно дека мора да биде така, односно дека немало да се смени. Планот можел да се менува дневно, на секој саат, на два саати обично според потребите на работата, некогаш биле на работа тројца, четворица, некогаш сите во зависност од потребата. Наведе дека имале на располагање моторни возила, три моторни возила биле во кои што се возел тогашниот Директор Митко Чавков и тоа „Мерцедес С класа" не знае која година било, „БМВ Х 5" и резервно возило „Ауди". Обезбедувањето се вршело секојдневно со две возила, односно во едното возило се возел Директорот, второто возило било резервно возило кое што се движело секогаш по првото возило. Во првото возило секогаш имало човек со Директорот Чавков, негов боди гард и шофер, во второто возило, односно резервното возило имало еден, двајца, а некогаш и четворица во зависност од потребата на работата. Сведокот во врска со вршењето на работните обврски појасни дека сабајле оделе на работа во МВР, правеле припрема на моторни возила и опрема кои им требале тој ден, чекале повик од Директорот за да го земат и кога ќе им се јавел го земале од дома, а потоа останувале со него цел ден додека не завршел, односно додека не го вратат дома. Истакна дека на 27.04.2017 година биле на работа тројца, отишле во МВР, чекале повик од Директорот за да го земат, потоа го земале од дома, мисли дека било 9,30 часот, го однеле во МВР каде биле некаде околу 10,00 часот. Во МВР Директорот имал

состаноци долго време, мисли дека до околу 13:30-14:00 се задржале, по што отишле спроти „Сити Мол“ во стоматолошка ординација, но не знае точно колку се задржале, отприлика саат и пол два. Кога завршил таму влегле во „Сити Мол“, каде не се задржале многу, мисли дека било саат време. Од „Сити Мол“ отишле во „Скара Бар“ каде биле отприлика околу саат и пол, по што го однеле Митко Чавков во канцеларија, а тој имал канцеларија во „Технометал Вардар“, каде што стигнале во 18,00 часот отприлика и се задржале околу два часа. Потоа го однеле во МВР каде биле до кај 23:00, односно 24,00 часот, по што го однеле во партија, во ВМРО, мисли дека им рекол дека треба да се види со Т., а потоа го вратиле дома. На 27.04.2017 година Директорот се возел во Мерцедесот како прво возило, а второ возило било „БМВ Х 5“, тој и В. кој бил шоферот биле во првото возило, а М. К., колега кој работел со нив во тимот бил во второто возило. Кога пристигнале во „Технометал Вардар“ возилата како и секогаш ги паркирале во гаражата на „Технометал Вардар“. Сведокот наведе дека не било прв пат Митко Чавков да го однесат во „Технометал Вардар“, тој во тоа време имал канцеларија во МВР во првата зграда на последниот спрат, при што појасни дека не мисли на работната канцеларија, тој имал посебна канцеларија каде што му стоеле сите документи службени и приватни, но откако после формирањето на техничката влада дошол техничкиот Министер, канцеларијата требало да биде ослободена, така што тогашниот Директор Митко Чавков земал канцеларија во „Технометал Вардар“ и сите документи што му стоеле во таа помошна канцеларија тие ги преместиле во таа канцеларија во „Технометал Вардар“. Во таа канцеларија оделе често, некогаш и по два пати во денот, некогаш пред работа, некогаш после работа, зависи кога како. Истакна дека на 27-ми во канцеларијата пристигнале некаде околу 18,00 часот, со возилата се паркирале во гаража во „Технометал Вардар“, двајцата колеги останале со возилата, а тој се качил со Митко Чавков во канцеларијата за да му ги однесе документите кои што ги имал со него, но и практикувале секогаш да има еден човек пред канцеларија. Појасни дека кога се качил горе ги оставил документите во канцеларија и го оставил Чавков во канцеларија, излегол надвор пред канцеларија да го чека каде секогаш практикувале да го чекаат. Се до отприлика 19,00 часот немало галама, во канцелариите и околу канцелариите биле празни, а околу 19,00 часот почнал да слуша разговори на телефон од Директорот во канцеларија затоа што било тишина се слушало, а и вратата била обична, не била некоја блиндирана. Слушал разговори на телефон, слушал како давал команди, разговарал со началниците, поконкретно на пример кога зборувал со В. Н., Помошник командант на Единиците за брзо распоредување можело да се слушне дека зборувал на повисок тон, давал команди, зборувал и со Митко Пешов, Началник на Одделот за специјални полициски единици и со тогашниот Началник Горан на ЦПС, а имал разговори и со други, но не можел да се сети со кого и зошто. Наведе дека Митко Чавков цело време зборувал, не прекинувал, се слушало дека зборува на повисок тон и дава команди во врска со настаните што се

случиле на 27-ми. Тој тоа го слушал до пред да заминат од канцеларијата, а потоа Чавков побарал да го однесат во штабот на МВР кој се наоѓал во граничната полиција на приземје, го однеле таму, го оставиле внатре, а тој и неговите колеги биле надвор. Појасни дека покрај тоа што тие тројцата биле тој ден надвор пред штабот, кога се случиле настаните после 19,00 часот ги повикале и другите колеги кои им биле во екипата, односно и тие дошле во МВР, имало обезбедување и на тогашниот Министер Нухиу, скоро сите колеги што биле обезбедување на сите функционери во МВР биле надвор, а имало и други нивни колеги, отприлика имало околу 20-30 луѓе. Истакна дека бидејќи штабот се наоѓал на приземје, а дел од прозорите биле отворени можело да се слушне и види отприлика што се случувало внатре, но не само тој туку тоа можеле да го забележат и другите колеги кои биле присутни надвор. Во штабот имало присутни околу 20-30 колеги началници, советници, односно скоро сите колеги што биле на функција во тоа време во МВР. Наведе дека откако влегол Директорот во штабот мисли дека веднаш почнал да дава наредби, да му дава команди на тогашниот советник С.М. кој седел на биро, покрај него стоел Митко Пешов, а Н. доаѓал, при што наведе дека не гледал постојано што се случува внатре, но можел да забележи и да констатира дека скоро 99 посто од командите ги давал Митко Чавков и тоа на С. М., а С. М. пренесувал преку врска, преку телефон. Во штабот останале, односно тоа траело до 23,00 часот или 24,00 часот. Директорот Митко Чавков кога излегол надвор, побарал да го однесат да се види со Т. во штабот на ВМРО ДПМНЕ. Појасни дека се упатиле во штабот на ВМРО ДПМНЕ, колите ги паркирале во подземната гаража „Тодор Александров“, го оставил Директорот кој што заминал на состанок како што кажал претходно, но не знае каде, во која канцеларија или на кој спрат. Кога завршила таа средба се упатиле во неговиот дом и така завршил тој работен ден, односно штом го остават дома, ги враќаат колите во МВР, враќаат опрема што ја користеле тој ден, таа им е заедничка и си одат дома. Појасни дека Митко Чавков цел ден бил облечен во одело и кошула, така излегол од дома, а во спортска опрема никогаш не одел, освен на вежбање, кога пешачел, па и кога одел во теретана одел пристојно облечен, па се пресоблекувал таму. Наведе дека „Технометал Вардар“ и ВМРО ДПМНЕ не користеле ист паркинг, туку само пролазот поминувал пред ВМРО, не се поминувало преку ниедна гаража, тоа бил заеднички влез што го користела катната гаража, ВМРО и „Технометал Вардар“, а подземниот паркинг се отварал на рампа и секогаш кога оделе имале картички за отварање или звонеле по што чуварот што бил горе им отварал, а имале право на користење на два паркинга во „Технометал Вардар“. Наведе дека може со сигурност да каже дека неговиот колега, шоферот В. околу 19:25 минути не бил пред Собрание од причина што бил шофер на првото возило и како таков не смеел да го напушти возилото во ниту еден момент. Тој со В. контактирал и по телефон и по врска и гарантира дека не бил пред Собрание, при што појасни дека тој ден без разлика на кого од колегите му било доделено да биде шофер на возило

број 1 не смеел да го напушти возилото без разлика дали бил В., дали бил тој, дали бил Мацко или кој било друг. Наведе дека не се сеќава дали во кафичот го видел обвинетиот Александар Василевски Нинџа бидејќи имало многу луѓе тој ден, било преполно. Нагласи дека на 27.04.2017 година пред 23:00 часот тој не бил во зградата на ВМРО ДПМНЕ, а исто така и обвинетиот Митко Чавков пред 23:00 часот не бил во зградата на ВМРО ДПМНЕ и дека со обвинетиот Митко Чавков отишол во зградата на ВМРО ДПМНЕ околу 24:00 часот. Појасни дека не знае точно дали во зградата на „Технометал Вардар“ има простории кои што биле сопственост или биле дадени на користење на МВР, но знае дека Митко Чавков користел три простории, три канцеларии за кои мисли дека имал некаков документ, договор, тој не го прочитал, имал на користење две паркинг места. Во тие простории во „Технометал Вардар“ тој однел некакви документи и може да каже дека целата канцеларија била со документи што службени, што приватни, бидејќи обвинетиот Митко Чавков не практикувал да носи документи дома. Наведе дека во моментот конкретно не може да се сети на ниедна команда што Митко Чавков му ја издал на В. со оглед дека поминал поголем временски период, како и дека не слушнал се конкретно, звонење на телефон или јавување, но слушал кога обвинетиот Митко Чавков зборувал на повисок тон бидејќи тогаш можело да се разбере. Наведе дека командите кои што ги слушнал биле отприлика некаде после саат време откако отишле во „Технометал Вардар“ и не може да се сети дали слушнал разговор помеѓу обвинетиот Митко Чавков и тогашниот Министер на МВР А.Н. . Наведе дека Митко Чавков пристигнал во просториите на граничната полиција околу 20:00 часот и мисли дека во просторијата бил и тогашниот Министер за внатрешни работи А. Н., но не може да тврди бидејќи имало многу луѓе и началници, не може конкретно да каже кој кое време пристигнал, знае само дека тие отишле во 20:00 часот. Кога пристигнал обвинетиот Митко Чавков во просторијата на граничната полиција имало луѓе што биле претходно, но имало и луѓе што пристигнувале отпосле, но сепак во моментот на неговото пристигнување во просторијата имало околу 10-15 луѓе. Наведе дека Митко Чавков и тогашниот Министер за внатрешни работи А. Н. имале разговор, но не знае за што разговарале бидејќи тие не стоеле цело време на прозорот за да слушаат што разговараат иако прозорите биле отворени и тие можеле да слушнат и да видат.

Судот не поклони верба на исказот на сведокот од причина што станува збор за еден конфузен исказ спротивен на изведените докази. Имено тој зборува дека во канцелариите на „Технометал “ се до отприлика 19,00 часот немало галама, а околу 19,00 часот почнал да слуша разговори на телефон од Директорот во канцеларија, а Митко Чавков цело време зборувал, не прекинувал, се слушало дека зборува на повисок тон и дава команди во врска со настаните што се случиле на 27-ми, а ова е спротивно на анализата на телефонските комуникации на обвинетиот Митко Чавков. Имено од изведениот доказ анализа на телефонските комуникации воопшто не произлезе дека обвинетиот Митко Чавков цело време

непрекинато зборувал на телефон, а не посебно со наведените лица. Воедно сведокот зборува за телефонска комуникација помеѓу Митко Чавков и Митко Пешов, но од доказот Анализа на телефонските комуникации јасно произлезе дека ваква комуникација помеѓу обвинетите Митко Чавков и Митко Пешов воопшто немало на ден 27.04.2017 година, туку истата била остварена на ден 28.04.2017 година. Освен тоа од овој доказ јасно произлезе каде се наоѓал обвинетиот во тоа време за кое зборува сведокот, а тоа е базната станица на ВМРО ДПМНЕ што значи тој бил во просториите на политичката партија, а не во канцелариите на „Технометал", а ова произлезе и од исказот на обвинетиот Александар Василевски Нинџа. Освен тоа сведокот зборува дека слушал дека обвинетиот Митко Чавков давал наредби, но не може да се сети на ниедна команда, при што тој не слушнал се конкретно, звонење на телефон или јавување, но сепак слушал кога обвинетиот Митко Чавков зборувал на повисок тон бидејќи тогаш можело да се разбере. Освен тоа сведокот наведе дека овој обвинет претежно давал команди на В. Н., како и на Началник Горан на ЦПС, па не е јасно како сведокот преку затворена врата точно знае кому обвинетиот давал наредби. Ваквиот исказ на сведокот е даден со единствена цел да му помогне на обвинетиот Митко Чавков.

Сведокот В. Ц.  во својот исказ наведе дека е полицаец во МВР, каде е вработен од 2003 година на работно место полицаец во ПС Драчево, потоа  истата година во Единицата за брзо распоредување, од 2016 година по наредба на неговиот Заменик командант испратен бил како лично обезбедување на тогашниот Министер за внатрешни работи Митко Чавков, каде останал до 2017 година, по што бил вратен во Единицата за брзо распоредување и му било дадено решение за во Шесттата управа, од каде добил наредба за прераспоредување во ДКП, односно обезбедување на имоти и лица за ВИП личности и истиот сеуште е таму. Појасни дека Митко Чавков го обезбедувале тимски, два тима биле, седум луѓе, поделени биле три и четири, а обично го обезбедувале со две возила, едното било ВИП каде што бил објектот, а второто било пропратно возило за итни случаи. Сведокот појасни и дека од тимот од три лица, две лица од обезбедувањето биле во првото возило со ВИП личноста, едниот бил возач на возилото, а другиот обезбедување на личноста. Работните задачи биле такви што возачот требало да биде спремен, односно да го провери возилото дали е спремно за пат и за патување, додека лицето што го обезбедувало ВИП лицето било задолжено за ВИП лицето цело време да биде со него. Второто возило и неговиот колега од обезбедувањето бил задолжен да им биде како помош во случај на дефект или потреба за помош во даден случај кога била загрозена ВИП личноста. Наведе дека на 27-ми тој бил како возач на ВИП возилото, Никола бил негово обезбедување, М. К. бил во второто возило. Првото возило, односно ВИП возилото било „Мерцедес С класа", второто возило „БМВ Х 5" Џип. Тој ден од неговиот колега Н. добил задача дека треба објектот, односно лицето да го земат во 9:00 часот од пред зграда кај него дома и да го однесат, да го вратат во МВР. Тоа и го направиле, го земале лицето

од пред зграда и го однеле во неговите канцеларии во МВР, таму и останале. Тој бил доле во возилото кога од страна на Никола по врска им било јавено дека се симнуваат надоле и дека ќе треба да излегуваат. Го наместил возилото пред зграда според процедурата, за да можел Директорот да влезе во возилото и да го однесат на бараната локација. Кога влегол во возилото му било кажано дека треба да вози према „Сити Мол“, се упатил натаму заедно со второто возило, односно второто возило ги пратело. Таму биле до кај околу 13:00 часот, се паркирал спроти зградата на „Сити Мол“, кај што Директорот требал да оди на стоматолог. Никола отишол со него, Никола му бил обезбедување, а тој останал со возилото за обезбедување на возилото заедно со второто возило и со колегата М., па по некое време Н. му кажал дека доаѓаат и ќе се упатат према „Сити Мол“. Временски не може да каже отприлика колку, но поминало доста време од кога биле излезени од возилото и Н. му јавил дека се враќаат назад. Во „Сити Мол“ се задржале отприлика не подолго од половина час, барем по негово видување и од Н. добил инструкции дека ќе одат према „Скара Бар“. Така и постапиле, го однеле обвинетиот Митко Чавков во „Скара Бар“ каде што останале таму до отприлика 17:00 часот, но не може да каже точно до кога со прецизност. Н. по врска му јавил дека излегуваат, така да пак процедурата ја запазиле, ги наместиле двете возила, па тој и Митко Чавков излегле од објектот каде што биле заедно со неговиот кумашин Г. . Наведе дека претходно добил инструкции дека треба да се упати према приватната канцеларија на Директорот во „Технометал Вардар“ мисли дека е зградата, позади „Палома Бјанка“. Истакна дека знаел каде била канцеларијата затоа што неколку пати претходно го носеле Директорот. Отишле таму, возилото го паркирал во подрумските гаражи на самата зграда, по што Митко Чавков и обезбедувањето Н. влегле во зградата, таму се задржале негде до отприлика 20:00 часот, кога Н. по врска рекол: „Се симнуваме под хитно, намести го возилото и идеме одма“, по што тој комуницирал со М., заедно ги наместиле возилата, излегле и влегле во возило, по што тој добил инструкции да вози према МВР, односно новата зграда на гранична полиција. Се упатил натаму најбрзо што можел, стигнале до таму, Н. и обвинетиот Митко Чавков излегле од возилото и влегле во зградата на гранична полиција каде што се наоѓал штабот, поточно штабот се наоѓал на приземје и гледал према паркингот, односно према самиот влез на зградата, а со оглед дека од предниот дел биле прозорите можело да се види дека има некакви случувања. Таму биле собрани скоро сите началници, но не може да каже точно кои биле, имало на паркингот кај возилата и други од обезбедувањето и можело да се види дека од внатре ситуацијата била разиграна, односно си давале наредби, си давале команди за случувањата што биле пред Собрание. Таму останале некаде до околу 12 часот по полноќ, обвинетиот Митко Чавков излегол заедно со Н. од зградата, возилото било наместено, влегле во возилото и му кажале да вози према штабот на ВМРО за да се види со Т., па се упатил таму. Кога пристигнале, во подрумската гаража застанал, обвинетиот Митко

Чавков и Н. излегле, тој возилото го паркирал во подземната катна гаража. Наведе дека не знае колку време се задржале после тоа, но знае дека кога требало да го вратат Директорот накај дома скоро било разденето. Го оставиле обвинетиот Митко Чавков дома пред неговата зграда каде што живеел, Н. го испратил до неговиот стан, по што се вратил назад, а потоа тие се упатиле према МВР каде што ги оставале возилата и си отишле дома. Појасни дека со кумашинот Г. не се виделе во „Сити Мол“, туку биле во „Скара Бар“ и Г. останал таму. Наведе дека тие не кажуваат по врска каде ќе одат, тоа го прават во возило, а не преку врска, а возилото го паркирале на паркингот под зградата на „Технометал Вардар“, тоа бил нивни паркинг, при што наведе дека во зградата имало лифт, но не знае дали од лифтот може да се излезе на плоштадот ВМРО. Сведокот наведе дека обвинетиот Митко Чавков и неговото обезбедување ги видел како влегуваат во зградата на „Технометал Вардар“ и како излегуваат од истата околу 20:00 часот. Појасни дека тие се менувале, дека тој не бил личен шофер туку дел од тимот за обезбедување, а во гаражата влегувале со стискање на копче, подигање на рампата и после тоа кога требало да излезат се упатувале на шалтер каде што им кажувале кои се, им ја поништувале картичката и излегувале надвор. Сведокот појасни дека го однел во подрумот на зградата каде што го оставил, потоа се паркирал во катната гаража и дека никогаш не се паркирале во гаражата на ВМРО, барем тој додека бил на смена. Наведе и дека сите од тимот биле обезбедување на ВИП личности, според бројката немале одредено шофер и се менувале. На 27.04.2017 година тој бил возач на возилото со ВИП личности, па според тоа од 18:00 часот до 20:00 часот тој како шофер бил во подрумските простории на подземната гаража помеѓу „Технометал Вардар“ и штабот на ВМРО ДПМНЕ, односно сведокот наведе дека на 27.04.2017 година тој го управувал возилото со кое се возел обвинетиот Митко Чавков. Појасни дека на наведениот датум не бил во просториите на „Технометал Вардар“ заедно со обвинетиот Митко Чавков, односно не се качиле во канцеларијата, туку со него бил Н. и освен Н. друг присутен од обезбедувањето немало. Наведе дека не може точно да каже во колку часот обвинетиот Митко Чавков го однеле во просториите на „Технометал Вардар“, а исто така не може прецизно да каже и кога обвинетиот Митко Чавков го однеле во МВР во новата зграда, но било околу 20:00 часот. Потоа, сведокот наведе дека обвинетиот Митко Чавков давал команди во салата, кризниот штаб и тоа према неговите потчинети за да се реши кризата во Собрание и пред Собрание, а негови потчинети биле Г. Ѓ. , Пешов Митко, колку што можел да види, Хитлер со надимак за името не може да се сети, а исто така не може да се сети и на другите. Кога се давале тие команди тој како и другите од обезбедувањето бил надвор од зградата под прозорите на штабот, а прозорите биле отворени поради вентилација од внатре, но не може да каже точно какви команди, односно наредби биле давани. Наведе дека не може да каже колку лица биле присутни во таа просторија на граничната полиција, но кога пристигнал обвинетиот Митко Чавков, во штабот внатре имало доста луѓе, не може да

каже кои. Појасни дека се сеќава и ги знае само оние присутни на кои обвинетиот Митко Чавков им давал наредба бидејќи тие биле таму околу прозорот каде што бил и Митко Чавков, така да само нив ги видел, другите биле повнатре, не можел да ги види, а не ги ни знаел сите што биле вработени во МВР. Тие лица не стоеле на прозорот, биле во внатрешноста на просторијата, но сепак нив можел да ги види затоа што просторијата е на приземје и е малку подигната, така да тие што биле поблиску до прозорот можеле да се видат, при што наведе дека таму бил и Министерот Н. . Тој не слушнал некаква конверзација, односно дијалог помеѓу обвинетиот Митко Чавков и тогашниот Министер А. Н., како и дека никој друг во таа просторија не издавал наредби, односно команди, но можел да види дека некои зборувале на телефон, а некои по врска ги пренесувале командите. Сведокот наведе дека не знае ниту отприлика колку лица имало во просторијата кога тој пристигнал таму, туку знае дека биле само оние што биле на прозорот бидејќи нив можел да ги види и нив ги знаел, сепак знае дека имало внатре и други лица затоа што се гледало дека оделе према прозорите и се враќале назад.

Исказот на сведокот е пристрасен и спротивен на изведените докази заради што судот не поклони верба на неговиот исказ. Имено неговиот исказ е спротивен на изведениот доказ анализа на телефонските комуникации од кои јасно произлезе каде се наоѓал обвинетиот Митко Чавков, а тоа е базна станица на ВМРО ДПМНЕ, што значи истиот не бил во канцелариите на „Технометал“, а ова е и во склад со исказот на Александар Василевски Нинџа кој на еден јасен начин појасни каде се наоѓал обвинетиот Митко Чавков, а тоа бил штабот на ВМРО ДПМНЕ. Сведокот даде ваков исказ со единствена цел да му помогне на обвинетиот.

Во текот на доказната постапка беа изведени и писмени докази на обвинетиот Митко Чавков, па така неспорно е дека на ден 02.03.2017 година донесен е План за мерки и активности И.бр.22.2-70/022017 и видно од истиот со цел интензивирање на мерките и активностите, проактивно и превентивно постапување за спречување на можни нарушувања на ЈРМ во поголем обем и спречување на напади и вршење на кривични дела и прекршоци со елементи на насилство, како и одржување на поволен јавен ред и мир на јавните собири и потребата од координирано и планско дејствување на сите организациони единици во МВР на 03.03.2017 година воспоставена е ОА „Платформа“. Заради организирање, раководење и координирање на мерките и активностите во врска со оперативната акција формиран е Оперативен штаб во следниот состав: Б.Д. – Заменик директор на БЈБ – раководител, Ј.Л. – Помошник министер во ООЈСР – член, А.С. – Помошник министер во ОВККИПС – член, А.А. – Заменик директор во УБК – член, С.С. – Помошник директор во ОУП – член, В.В. – Заменик началник на ЦПС – член, А.С. – Помошник началник во ЦПС, Т.С. – Помошник директор во ЕСПСКК, М.Н. – Помошник директор во ОКП – член, А.Т. – Помошник директор во ОКРА – член, Д.Л. – Началник на

сектор во ОУП и Д.П. – Началник на Сектор во ОУП. Воедно бил формиран и Оперативен тим надлежен за спроведување на насоките од штабот. Во овој план е наведено дека Златна команда е Б.Д., Сребрена команда се И.В. – Началник на СВР С., М.Ј. – Началник на СВР К., Ѓ.Б. – Началник на СВР С., М.А. – Началник на СВР Б., В.С. – Началник на СВР Ш., Н.Ш. – Началник на СВР Т., Г.Н. – Началник на СВР О. и П.И. – Началник на СВР В., а за Бронзена команда се назначени одговорните за обезбедување на јавните собири согласно оперативни планови за реализација, изготвени врз основа на плановите за мерки и активности на СВР.

Планот за проценка и управување на ризик бр. 22.4-733 од 02.03.2017 година се изготвува на барање на директорот на БЈБ, а заради правилно утврдување на ризиците по граѓаните, полицијата, заедницата, државните институции и правниот поредок во врска со Оперативна акција „Платформа“. Со Планот треба правилно да се утврдат ризиците, како и да се утврдат мерки и активности кои треба да се преземат заради правилно управување со ризиците. Притоа во овој план е наведено дека карактеристично за сите претходни протести е дека при нивното одржување дел од учесниците насилнички се однесуваат кон полициските службеници, а притоа и прават најразлични оштетувања на објектите кои се лоцирани долж рутата по која се движат за време на протестите. Поради ова постои оправдано очекување дека протестите кои се организираат како резултат на оваа состојба, може да доведат до нарушување на безбедносната состојба во Р. М. со нарушување на ЈРМ од поголем обем, поединечни инциденти помеѓу меѓусебно спротивставените политички групи или меѓуетнички тензии предизвикани од негативната реторика на политичките партии изразена при јавните настапи, медиумите, социјалните мрежи и слично. Воедно со овој план е направено и рангирање на ризиците.

Видно од Анекс предлогот за воспоставување на оперативна акција И.бр.22.2-69/1/02/2017 од 03.03.2017 година од страна на министерот за внатрешни работи на 03.03.2017 година по анализирање на претходно изготвените Предлог за воспоставување на Оперативна акција И.бр. 22.2-69/02 од 02.03.2017 година, План за проценка и управување со ризик бр. 22.4-733 од 02.03.2017 година, План за мерки и активности И.бр. 22.2-70/02 од 02.03.2017 година и Телеграма И.бр. 22.2-2-23 од 03.03.2017 година, била донесена Одлука за дополнување на член во Оперативниот штаб и промена на одговорен полициски службеник во Планот за мерки и активности во врска со ОА „Платформа“ и тоа Оперативниот штаб се дополнува со член Г. Ѓ. – Началник на ЦПС и одговорниот полициски службеник во Планот за мерки и активности И.бр. 22.2-70/02 од 02.03.2017 година, В.В. се заменува со Г.Ѓ. . Оперативниот штаб се дополнува со нов член, а тоа е Г. Ѓ. . Заради организирање, раководење и координирање на мерките и активностите во врска со Оперативната акција се предлага формирање на Оперативен штаб на Оперативната акција во следниот

состав: Б.Д. – Заменик директор на БЈБ – раководител, Г.Ѓ. – Началник на ЦПС – член, Ј.Л. – Помошник министер во ООЈСР – член, А. С. – Помошник министер во ОВККИПС – член, А.А. – Заменик директор во УБК – член, С.С. – Помошник директор во ОУП – член, В.В. – Заменик началник на ЦПС – член, А. С. – Помошник началник во ЦПС, Т.С. – Помошник директор во ЕСПСКК, М.Н. – Помошник директор во ОКП – член, А. Т. – Помошник директор во ОКРА – член, Д.Л. – Началник на сектор во ОУП и Д.П. – Началник на Сектор во ОУП.

Со Анекс планот за мерки и активности И.бр.22.2-70/1/02/2017 од 03.03.2017 година заради организирање, раководење и координирање на мерките и активностите во врска со Оперативната акција формиран е Оперативен штаб во следниот состав: Б.Д. – Заменик директор на БЈБ – раководител, Г.Ѓ. – Началник на ЦПС – член, Ј.Л. – Помошник министер во ООЈСР – член, А.С. – Помошник министер во ОВККИПС – член, А.А. – Заменик директор во УБК – член, С.С. – Помошник директор во ОУП – член, В.В. – Заменик началник на ЦПС – член, А.С. – Помошник началник во ЦПС, Т.С. – Помошник директор во ЕСПСКК, М.Н. – Помошник директор во ОКП – член, А.Т. – Помошник директор во ОКРА – член, Д.Л. – Началник на сектор во ОУП и Д.П. – Началник на Сектор во ОУП.

Врз основа на член 36 ст. 2 од Упатството за давање задачи и координација бр. 22.5-2478/1 од 16.10.2013 година, групата за давање задачи и координација во БЈБ донел Тактичка одлука И.бр. 22.2-72/02/2017 од 03.03.2017 година. Видно од оваа Тактичка одлука наведени се активности по дадените насоки и тоа да бидат извршени промени во Предлог за воспоставување на Оперативна акција И. бр. 22.2-69/02 од 02.03.2017 година и План за мерки и активности И.бр. 22.2-70/02 од 02.03.2017 година.

Видно од Тактичка одлука И.бр. 22.2-81 од 08.03.2017 година бил одржан состанок на ден 06.03.2017 година и притоа биле дадени насоки од директорот на БЈБ. На дневен ред биле ставени точките разгледување на извршените задачи од Заклучоците на Колегиумот на министерот содржани во Записник бр. 22.4-760 од 04.03.2017 година и разгледување на потребата од дополнување и промена на членови во Оперативниот штаб и Оперативниот тим во врска со ОА „Платформа“. Биле донесени следните одлуки: Одлука за дополнување и промена на членови на Оперативниот штаб, Одлука за дополнување и промена на членовите на Оперативниот тим и Одлука за промена на носителот на Златната команда, определување на негови заменици, дополнување на носителите на Сребрената команда и промена на раководителот на Оперативниот штаб со определување на негови заменици, па така за нови членови во

Оперативнит штаб биле определени Ж.Т. Државен советник во Кабинет на министерот – член, С.М. Помошник началник во ЦПС – член и В.В. Помошник на директорот во ОЗУЧР. За нови членови на Оперативниот тим биле определени А.С. Помошник началник во ЦПС, Митко Пешов Началник на Оддел во ЦПС, С.К. Началник на Сектор во ОВККИПС, В.Ч. Началник на Сектор во ОВККИПС, С.Г. Началник на Сектор во ОВККИПС, Т.Ј. Началник на Сектор во ОКП, С.Т. Началник на Сектор во ОКП, О.П. Началник на Сектор во ОЗОЛО, С.Т. Началник на Сектор во ОЗОЛО, О.И. Началник на Сектор во ОЗОЛО, Л.К. Началник на Сектор во ОЗОЛО, Ж.П. – Виш полициски советник во ЕСПСКК, Т.П.Д. – Полициски советник во ЕСПСКК, В.Ч. - Началник на Единица во ОУП, Н.С.К. Началник на Сектор во ООЈСП, Т.А. Началник на Одделение во ООЈСП, Д.Н. – Главен советник во ООЈСП и Л.Б. – Главен советник во ООЈСП. Притоа, за Златна команда е определен Директорот на БЈБ Митко Чавков, а заменици на Златна команда Б.Д. и Г.С. . Воедно, за дополнување на носителите на Сребрената команда определени се началник на ЦПС Г.Ѓ., Помошник директор во ОУП С.С., Помошник директор во ОКП М.Н. и Помошник директор во ОКРА А.Т. .

Видно од Анекс планот на планот за мерки и активности И.бр.22.2-83 од 08.03.2017 година, обвинетиот Митко Чавков е раководител во Оперативниот штаб при што се наведени неговите заменици и дополнувања со нови членови, а воедно во Оперативниот тим се врши промена и дополнување со нови членови. Согласно овој доказ Оперативниот штаб сега е со 17 членови со оглед да како раководител сега се јавува обвинетиот Митко Чавков, а воедно како нови членови се Г.С., Ж.Т. и В.В. покрај претходно наведените членови на Оперативниот штаб. Тука се наведени и членовите на Оперативниот тим, носителите на Златна и Сребрена команда и повторно се гледа дека обвинетиот Митко Чавков е всушност Златна команда.

До Кабинетот на Директорот на БЈБ била доставена Информација за извршена анализа на мерки и активности на полицијата во врска со оперативна акција „Платформа“ бр.22.1- 453/1 од 05.05.2017 година, а предмет на оваа Информација била анализа на мерките и активностите на полицијата во врска со Оперативната акција „Платформа“. Во оваа анализа е опфатен периодот пред 27.04.2017 година, но и за критичниот ден 27.04.2017 година при што во информацијата за овој датум меѓу останатото е наведено дека за конкретниот датум Оперативниот штаб не располагал со ниту една информација, ниту пак податок кој укажувал на насилно однесување, односно обид за влез во Собранието, ниту пак информација дека ќе се избира претседател на Собранието што била една од претпоставките, односно клучните ризици за ескалација на јавниот собир. Притоа, е наведено дека БЈБ не го исклучува и

непревземањето на соодветни мерки од овластувањата кај дел од полициските службеници. Токму тука, Судот мора да нагласи дека не може да се прифати дека за конкретниот датум Оперативниот штаб не располагал со информации за насилно однесување или избор на претседател на Собранието. Судот веќе при анализа на искази на сведоци даде осврт на јасни показатели дека нешто ќе се случува тој ден, а посебно при анализата на исказот на сведокот Д.М. кога зборува дека тој ден бил поразличен од претходните денови кога се одржувала конститутивната седница, што значи БЈБ доколку ги следела настаните, можела да го спречи она што се случи во Собранието. Но, и да не се осврнеле на она што се случувало во Пленарната сала во текот на денот самото тресење на оградите требало да биде јасен показател дека може да се случи насилство. Воедно судот нема да се повторува и да прави повторно анализа на СМС пораките, но тука само ќе напомене дека постоеше и порака која што беше испратена од Н.Г. до Т.В., а се работи всушност за препратена порака која што обвинетиот Митко Чавков ја испратил до Н.Г. и тоа на ден 26.04.2017 година во која што порака се зборуваше за можен избор тој ден на Претседател на Собранието.

За активностите во ОШ по ОА „Платформа“ се сочинувале уредно записници што е видно од истите, а станува збор за Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ бр. 22.4 - 758 од 03.03.2017 година,

Записник за активности на ОШ по ОА „Платформа“ за ден 04.03.2017 година, а под Ев. бр. 22.4 - 759 од 04.03.2017 година, Записник за активности на ОШ по ОА „Платформа“ за ден 05.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 868 од 05.03.2017 година, Записник за активности на ОШ по ОА „Платформа“ за ден 06.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 786 од 06.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 06.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 814 од 07.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 07.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 831 од 09.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 08.03.2017 година Ев.бр. 22.4 - 823 од 08.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 11.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 899 од 11.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 09.03.2017 година под Ев. бр. 22.4 - 893 од 09.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 10.03.2017 година Ев бр. 22.4 - 895 од 10.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 12.03.2017 година Ев бр. 22.4 - 926 од 12.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 13.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 984 од 13.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 14.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 988 од 14.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 15.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1031 од 15.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 16.03.2017 година Ев. бр.

22.4 - 1055 од 16.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 17.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1077 од 17.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 20.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1168 од 20.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 21.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1181 од 21.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 22.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1182 од 22.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 23.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1210 од 24.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 24.03.2017 година Ев. бр. 22.4 -1248 од 24.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 25.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1249 од 25.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 26.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1256 од 26.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 27.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1255 од 27.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 28.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1315 од 28.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 30.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1381 од 30.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 29.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1352 од 29.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 31.03.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1420 од 31.03.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 03.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1422 од 03.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 01.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1421 од 01.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 04.04.2017 година Ев.бр. 22.4 - 1456 од 04.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 05.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1516 од 05.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 06.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1532 од 06.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 07.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1559 од 07.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 08.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1569 од 10.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 10.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1596 од 10.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 11.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1692 од 11.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 12.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1698 од 13.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 19.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1779 од 19.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 18.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1764 од 18.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 20.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1836 од 20.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 21.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1934 од 24.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА

„Платформа“ за ден 24.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1939 од 25.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 25.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1679/1 од 25.04.2017 година, Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 26.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 1995 од 27.04.2017 година и Записник за активности во ОШ по ОА „Платформа“ за ден 28.04.2017 година Ев. бр. 22.4 - 2089 од 28.04.2017 година. Во овие записници се констатира кои лица се присутни, на состаноците се информирало за моменталната состојба, тековно следење и координација на активностите.

Неспорно е дека на ден 04.03.2017 година бил одржан работен состанок на Министерот за внатрешни работи со директорите на БЈБ и УБК, замениците директори, помошниците директори во БЈБ и УБК и членови на Оперативниот штаб на ОА „Платформа“ што е видно од сочинетиот Записник бр. 22.4 - 760 од 04.03.2017 година, на кој на дневен ред било поставено разгледување на планираните мерки и координација на постапување на различните организациони единици во МВР во врска со ОА „Платформа“ при што биле донесени заклучоци и насоки по ОА „Платформа“.

Согласно Записникот од колегиумот на Министерот за внатрешни работи во врска со активности од ОА „Платформа“ Ев. бр. 22.4 - 894 од 10.03.2017 година, овој колегиум се одржал на 10.03.2017 година и на истиот било разгледувано дотогашното функционирање на Штабот, со пресек на извршените задачи произлезени од заклучоците донесени на одржан состанок и биле донесени заклучоци од Министерот за внатрешни работи.

Во Планот за мерки и активности Д.бр. 28-95/1 од 15.03.2017 година е даден краток опис на причините за воспоставување на ОА „Платформа“ при што се наведува дека СВР С. се соочило со низа на нарушувања на јавен ред и мир и вршење на прекршоци и кривични дела со елементи на насилство поради немање на доволен број на полициски службеници за истовремено постапување по Плановите за зајакнати мерки, Плановите за училиштата и Плановите за вонредно обезбедување на настани, при што се наведени настани кои што се случиле во периодот од 24.02.2017 година до 12.03.2017 година. Притоа се наведени и организационите единици кои ќе учествуваат во спроведувањето на мерките, како и оперативни тимови надлежни за спроведување. Воедно, наведени се и предлог на мерки и активности кои што треба да се спроведат, а координацијата помеѓу сите организациони единици опфатени со Планот ќе се одвива преку помошниот штаб и ЕИК.

Донесени се повеќе планови за мерки и активности за физичко, сообраќајно и оперативно обезбедување на ненајавени јавни собири на граѓанска иницијатива „За заедничка М.“ организирани преку социјалните мрежи кои се одржуваат секојдневно пред објектите на Влада и Собрание на РМ како и контрапротестот од група граѓани март 2017 година и тоа: План за мерки и активности за физичко, сообраќајно и оперативно обезбедување на ненајавени јавни собири на граѓанска иницијатива „За заедничка М.“ организирани преку социјалните мрежи кои се одржуваат секојдневно пред објектите на Влада и Собрание на РМ како и контрапротестот од група граѓани март 2017 година Дов. бр.28-61 од 06.03.2017 година, План за мерки и активности за физичко, сообраќајно и оперативно обезбедување на ненајавени јавни собири на граѓанска иницијатива „За заедничка М.“ организирани преку социјалните мрежи кои се одржуваат секојдневно пред објектите на Влада и Собрание на РМ како и контрапротестот од група граѓани март 2017 година Дов. бр.28-75/1 од 10.03.2017 година, План за мерки и активности за физичко сообраќајно и оперативно обезбедување на ненајавени јавни собири на граѓанска иницијатива „За заедничка М.“ организирани преку социјални мрежи и контрапротести од група граѓани место објект на Влада и Собрание на РМ Д.бр.28-158/1 од 28.04.2017 година. Видно од истите во нив е наведено дека по одржаниот собир на 24.02.2017 година во организација на Здружение „Тврдокорни“ со марш од Соборен храм до Споменикот на Бранителите во Паркот Жена Борец и добиените сознанија од социјалните мрежи за организирање на секојдневни јавни собири пред објектите на Влада и Собрание на РМ во организација на граѓанската иницијатива „За заедничка М.“, со почеток во 17 часот, а имајќи ја во предвид севкупната безбедносна состојба во Р. М. на политички, економски и социјален план, како и моменталната политичка состојба во која се наоѓа Р. М. со посебен акцент на неколкуте нарушувања на јавен ред и мир со вршење на прекршоци и кривични дела со елементи на насилство од страна на групи како и можноста истите да продолжат, во СВР С. се превземале зајакнати мерки со цел превентивно постапување и спречување на ваквите појави. Притоа, во овие Планови е наведена кратка анализа на состојбите при што точно е наведено дека особено е значајно да се напомене дека треба да се земе во предвид фактот дека постои висок ризик на денот на одржувањето на конститутивната седница како и одржување на други седници во објектот на Собранието на Р. М., можни се неколку варијанти на одржување на јавни собири – протести и тоа масовен ненасилен протест со можност на истите да земат учество и малолетни лица, масовен делумно насилен протест (можноста на групи и поединци да се однесуваат насилно), масовен насилен протест и масовен насилен протест со контрапротести. Притоа, во овие Планови се наведени ризиците за полицијата, социјални ризици, правни, етички и морални ризици, како и економски ризици, а воедно точно е наведено дека во случај на нарушување на јавен ред и мир од поголем обем ќе постапуваат силите на ОСПО. Воедно бил изготвен и План со конкретни мерки и активности,

а се со цел да се гарантира безбедноста на пратениците во објектот на Собрание, а тој план ќе се подели во фази на постапување и тоа прва фаза – воспоставување на периметар околу објектите на Влада и Собрание со поставување на прв и втор прстен, обезбедување на приод на пратениците и овозможување на приод на ВИП личности (Команда СВР С.); втора фаза – пробивање на првиот прстен (кордон) и пристигање на масата на вториот прстен (кордон) од ПЕП (Команда СВР С.); трета фаза – пробивање на вториот прстен (кордон) и пасивна употреба на силите на ОСПО, затварање на влезови и излези на објектот на Собрание на РМ и известување на Генералниот секретар на Собранието за надворешната ситуација и препорака за сопирање на сите активности во Собранието (Команда ЦПС – ОСПО); четврта фаза – затворање на коридорот потребен за евакуација со строга меѓусебна координација на ОЗОЛО, ЕСЗ, ЕБР и СВР С. и потврдување на правецот на евакуација, како и на приоритети во делувањето; петта фаза – евакуација на ВИП личностите, пратениците и останатиот персонал од Собрание на РМ и шеста фаза – воспоставување на поволен јавен ред и мир со активна употреба на силите од ОСПО. Во плановите се наведени и мерки за воспоставување на евентуално нарушен ЈРМ. Судот мора да нагласи дека иако некои од обвинетите, вработени во МВР наведуваат дека не постои термин кој што полициски службеници може да го употребат а станува збор за термин „пасивна употреба на сила“ меѓутоа токму во плановите и тоа конкретно во оној План од 10.03.2017 година во третата фаза точно се наведува овој термин „пасивна употреба на силите на ОСПО“.

Во плановите за реализација и тоа План за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјалните мрежи кој ќе се одржи на 21.03.2017 година (вторник) со почеток во 17:00 часот пред објект на Влада на РМ Д.бр. 28-93/1 од 17.03.2017 година, План за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 13.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-80/1 од 13.03.2017 година, План за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 12.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-79/1 од 10.03.2017 година, План за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 09.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-70/1 од 09.03.2017 година, План за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 03.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-60/1 од

03.03.2017 година е наведено дека по добиено сознание од социјалните мрежи за организирање на јавен собир пред објект на Влада со почеток во 17,00 часот, а имајќи ја во предвид севкупната безбедносна состојба во Р. М. на политички, економски и социјален план како и моменталната политичка состојба во која се наоѓа Р. М., а имајќи во предвид дека нема податоци за бројот на учесници и евентуални движења СВР С. треба да превземе мерки и активности. Притоа, во Плановите е ставена кратка анализа на состојбите повторно ризици за полицијата, економски ризици, но наведено е и кој ќе биде одговорен за физичкото и сообраќајното обезбедување. Со цел безбедно справување со лица склони кон нарушување на јавниот ред и мир, пред, за време и по јавниот собир СВР С. ЕПСОНРС и ОБПС изготвуваат план и во овој план ставени се задачи на одговорниот, потоа задачи на помошник одговорниот на обезбедувањето, место, а наведени се и задачите кои што наведените УПС ќе ги имаат, а во случај на нарушен ЈРМ од поголем обем исклучиво по наредба на одговорниот формираат одделенија и постапуваат по задачите на одговорниот.

Во Планот за мерки и активности Дов. бр. 28-74/1 од 05.03.2017 година, пред се е даден краток опис на причините како и предлог на мерки и активности кои треба да се спроведат. Воедно, во овој план се наведени организациони единици кои ќе учествуваат во спроведувањето, а тоа се ОЕКР, СВР С., Единица за насилен криминал и ЕКРА. Со цел ефикасно и ефективно менаџирање со полициските сили и МТС полициските службеници од ЕНК предвидено е да се поделат во два тима при што во првиот тим ангажирани 12 полициски службеници и четири возила, а во тимот 2 ангажирани 13 полициски службеници.

Донесен бил План за вонредно внатрешно и надворешно физичко обезбедување на објектот Собрание на РМ бр. 23.2.5.1/1-42 од 13.03.2017 година при што во Планот е наведена безбедносната проценка на објектот и просторот на кој се врши обезбедувањето. Притоа е наведено дека Собранието има пет влеза – излеза со точно посочување каде се наоѓаат истите, воедно наведен е и бројот на полициски службеници при вонредно внатрешно и надворешно физичко обезбедување на објектот на Собранието и ризици по безбедноста на објектот. Притоа, точно е посочено дека ангажирани полициски службеници за вонредно надворешно физичко обезбедување покрај редовни 3 УПС со 1 Виш инспектор, дополнително ќе бидат ангажирани плус 3 УПС или вкупно 7, а за вонредно внатрешно физичко обезбедување ангажирани полициски службеници се покрај редовни 14 Виши оперативни работници, 1 Началник, 1 Виш инспектор, 16 полициски службеници, дополнително ќе бидат ангажирани плус 52 (40 Виши и 10 главни оперативни работници од Сектор за обезбедување на личности, 1 Началници на Одделение и 1 Виш

инспектор) или вкупно редовно и дополнително ангажирани 68 полициски службеници. Ангажирани за вонредно надворешно и внатрешно физичко обезбедување на Собранието вкупно 75 полициски службеници. Бројот на дополнително ангажирани полициски службеници би бил одреден во зависност од нивото на интензитетот на опасност и тоа високо ниво – покрај редовните 20 дополнително ангажирање на 55 полициски службеници или вкупно 75; средно ниво – покрај редовните 20 дополнително ангажирање на 30 полициски службеници или вкупно 50 и ниско ниво – покрај редовните 20 дополнително ангажирање на 5 полициски службеници или вкупно 25. Во овој план е наведен начинот на вршење на обезбедување, како и конкретните задачи за полициските службеници кои што го вршат вонредното обезбедување. Предвидена е и евакуација и спасување, како и време на отпочнување и завршување на вонредното обезбедување.

Во Анекс планот за реализација за вонредни мерки за внатрешно и надворешно обезбедување на Собрание на РМ и евакуација и спасување - ОА „Платформа“ Ев.бр.23.2.1-01/11-1 од 09.03.2017 година е наведено дека во зависност од интензитетот на ризикот, сериозноста на заканата и опасноста за безбедноста на објектот и лицата кои по разни основи престојуваат во истиот, а со цел заштита на животот, личната сигурност и материјалните добра, МВР до Претседателот на Собранието поднесува писмено барање со кое се бара одобрение, на овластените службени лица на МВР да им се овозможи пристап во просториите, преземање мерки спрема пратениците, работниците во Службата и други граѓани во Собранието, а што е во согласност со чл. 43 од Законот за Собрание и чл. 3 ст. 3 од Правилникот за внатрешниот ред на Собранието. МВР отпочнува со примената на вонредните мерки за обезбедување по претходно добиено одобрение од Претседателот на Собранието, а за дополнителното ангажирање и бројот на полициски службеници за вонредно внатрешно и надворешно физичко обезбедување истовремено се известува и Генералниот секретар на Собранието на Република М. . Воедно, во овој Анекс план се дава осврт и на план за евакуација и спасување. Овој Анекс план е одобрен од Директорот на БЈБ Митко Чавков.

Согласно Телеграмата од БЈБ бр.54 од 28.04.2017 година за ден 28.04.2017 година (петок), а во врска со ОА „Платформа“ за потребите на СВР С. треба да се ставаат на располагање полициски службеници од следните сектори за внатрешни работи: СВР Ш. вкупно 90 униформирани полициски службеници во формација од три вода, со одговорни старешини на водовите и по еден одговорен старешина на секое одделение во рамки на водовите; СВР К. вкупно 80 униформирани полициски службеници во формација од два вода, со одговорни

старешини на водовите и по еден одговорен старешина на секое одделение во рамки на водовите; СВР Б. вкупно 100 униформирани полициски службеници во формација од три вода, со одговорни старешини на водовите и по еден одговорен старешина на секое одделение во рамки на водовите; СВР Т. вкупно 120 униформирани полициски службеници во формација од четири вода, со одговорни старешини на водовите и по еден одговорен старешина на секое одделение во рамки на водовите; СВР В. вкупно 15 униформирани полициски службеници во формација од еден вод, со одговорен старешина на водот; СВР О. вкупно 70 униформирани полициски службеници во формација во два вода, со одговорни старешини на водовите и по еден одговорен старешина на секое одделение во рамките на водовите и СВР С. вкупно 25 униформирани полициски службеници во формација од еден вод, со одговорен старешина на водот и по еден одговорен старешина на секое одделение во рамки на водот. Притоа е наведена и опремата која што треба да ја носат со себе, односно полициските службеници требале да бидат опремени како за редовна работа, а со себе да понесат заштитен шлем со визир, заштитен панцир, заштитна гас маска, да има потребен број на штитови за ЈРМ и доволен број на радио врски за одговорните старешини и истите до 10,00 часот требале да се јават позади објектот на Собранието на одговорниот полициски службеник од СВР С., И.Т., но не само тоа за потребите на секој вод било потребно да се обезбеди по еден полициски службеник од крим техника со соодветна опрема за документирање на настаните. Токму од оваа Телеграма може да се заклучи дека ден после настаните во Собранието, поточно 28.04.2017 година биле ангажирани значително поголем број на полициски службеници отколку на самиот ден на настаните. Оваа Телеграма е потпишана лично од обвинетиот Митко Чавков.

Во врска со оваа Телеграма биле доставени списоци на ангажирани полициски службеници за потребите на СВР С. за ден 28.04.2017 година што е видно од Списоците од УПС од СВР К., Б., Т., О., С., Ш., В. .

До БЈБ, Оддел за униформирана полиција – Сектор за полициски работи од општа надлежност било доставено Барање, па видно од истото заведено под бр. 28-3902/1 од 24.04.2017 година во врска со ОА „Платформа“ СВР С. имала потреба од обезбедување присуство на 50 УПС од други СВР во МВР за ден 27.04.2017 година, од кои 25 УПС да се јават позади Собранието, а другите 25 УПС пред Владата. Истите на 27.04.2017 година во 15:00 часот требале да се јават на одговорниот на целокупното обезбедување Помошник началникот на ЕЈРМ З.С. .

Видно од Телеграмата бр. 22.2 - 49 од 25.04.2017 година за ангажирање на УПС за потребите на СВР С. за 27.04.2017 година од 25.04.2017 година потпишана од обвинетиот Митко Чавков во својство Директор на БЈБ истата била доставена до началниците на сите сектори за внатрешни работи, а се однесува за 27.04.2017 година, при што се бара да бидат ставени на располагање полициски службеници од следните сектори за внатрешни работи: од СВР Т. вкупно 30 полициски службеници со одговорен старешина и од СВР О. вкупно 20 полициски службеници со одговорен старешина.

Согласно Известувањето за повлекување на барање за ангажирање на полициски службеници за потреби на СВР С. бр. 28-3902/2 од 26.04.2017 година се повлекува барањето од СВР С. под бр. 28-3902/1 од 24.04.2017 година кое се однесува на обезбедување на присуство на 50 УПС од други СВР во МВР за ден 27.04.2017 година поради одложување на судскиот процес по ОА „Рефлекс“.

Неспорно е дека се донесени повеќе Анекс планови и тоа: Анекс план за мерки и активности Дов. бр. 28-154/1 од 26.04.2017 година Анекс план за мерки и активности Д. бр. 28-151/1 од 24.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д. бр. 28-150/1 од 22.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д. бр. 28-142/1 од 18.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д. бр. 28-141/1 од 18.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д. бр. 28-140/1 од 18.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-134/1 од 12.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-130/1 од 10.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-129/1 од 10.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-127/1 од 05.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-125/1 од 04.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-120/1 од 04.04.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-116/1 од 31.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-115/1 од 31.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-112/1 од 28.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-111/1 од 29.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-108/1 од 27.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-106/1 од 24.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-105/1 од 23.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-103/1 од 22.03.2017 година, Анекс план за мерки и активности Д.бр. 28-96/1 од 22.03.2017 година, во кои што пред се е даден краток опис на причините и притоа се наведени настани кои што се случиле во периодот од 24.02.2017 година, заклучно со 13.03.2017 година. Во овие Анекс планови наведени се организационите единици кои ќе учествуваат во спроведувањето, а тоа се ЕПСОНРС,

ЕЈРМ, ЕБПС, ЕАСОТ, ЕПОИ Алфа и ЕОК. Предвидени се и предлог на мерки и активности кои што треба да се спроведат.

Од Списокот на ангажирани УПС за потреби на СВР С. од 18.04.2017 година од СВР Т. јасно може да се види кои полициски службеници биле ангажирани од СВР Т. .

Началникот на СВР С. И.В. до МВР на РМ – БЈБ – Оддел за униформирана полиција доставил барање и видно од истото заведено под бр. 28-3665/1 од 18.04.2017 година во врска со Оперативната акција „Рефлекс“ за судското рочиште кое било закажано за 19.04.2017 година бара да се обезбедат вкупно 105 полициски службеници од други СВР на МВР, а во врска со Оперативната акција „Платформа“ за обезбедување на граѓанскиот протест „За заедничка М.“ за деновите 18.04.2017 година, 19.04.2017 година и 20.04.2017 година бара да бидат обезбедени по 35 УПС за секој од наведените термини од другите СВР на РМ.

Обвинетиот Митко Чавков во својство на Директор на БЈБ доставил Телеграма бр.49 од 18.04.2017 година до началниците на СВР С., СВР К., СВР Ш., СВР Т. и СВР Б. и СВР О. за ангажирање на УПС за потреби на СВР С. и видно од истата за деновите 18.04.2017 потребно било да се стават на располагање 35 УПС од СВР Т., потоа за 19.04.2017 година на располагање требале да се стават 35 УПС и тоа 25 од СВР О. и 10 УПС од СВР Б., а ова е во врска со ОА „Платформа“, додека во врска со ОА „Рефлекс“ за 19.04.2017 година требале да бидат ставени на располагање 35 УПС и тоа од СВР К. 5 полициски службеници за КРС и 5 полициски службеници од ПС од општа надлежност со еден одговорен старешина, од СВР Ш. 5 полициски службеници за КРС и 5 полициски службеници од ПС од општа надлежност со еден одговорен старешина и од СВР Т. 10 полициски службеници за КРС и 5 полициски службеници од ПС од општа надлежност. Воедно за истата оваа оперативна акција се бара да се стават на располагање од СВР К. 15 полициски службеници со еден одговорен старешина, од СВР Ш. 30 полициски службеници со двајца одговорни старешини и од СВР Т. 25 полициски службеници со двајца одговорни старешини.

Неспорно е дека се донесени повеќе анекс планови за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјалните мрежи пред објектите на Влада и Собрание, а се работи за следните анекс планови за реализација: Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се

одржи на 20.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-92/1 од 17.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 18.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-91/1 од 17.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 17.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-89/1 од 16.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 16.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-87/1 од 15.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 15.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-86/1 од 15.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 14.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-82/1 од 14.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 11.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-78/1 од 10.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 10.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-71/1 од 09.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 08.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-67/1 од 08.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 07.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-65/1 од 07.03.2017 година, Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 06.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-64/1 од 06.03.2017 година и Анекс план за реализација за физичко и сообраќајно обезбедување на јавен собир на група граѓани организирани преку социјални мрежи кој ќе се одржи на 04.03.2017 година со почеток во 17:00 часот пред објектите на Влада и Собрание на РМ Д.бр. 28-63/1 од 06.03.2017 година. Видно од истите овие

Анекс планови се однесуваат за јавните собири што се одржале на 04.03.2017 година, 06.03.2017 година, 07.03.2017 година, 08.03.2017 година, 10.03.2017 година, 11.03.2017 година, 14.03.2017 година, 15.03.2017 година, 16.03.2017 година, 17.03.2017 година 18.03.2017 година и 20.03.2017 година. Во истите е наведена безбедносната проценка, кратка анализа на состојбите, ризици за полицијата, економски ризици, но воедно наведено е кој е одговорен за физичкото и сообраќајното обезбедување, потоа е наведено кои се задачи на одговорниот, задачи на помошник на одговорниот за обезбедувањето како и местото. Со цел безбедно справување со лица склони кон нарушување на јавниот ред и мир, пред, за време и по јавниот собир, СВР С. ЕПСОНРС и ОБПС требале да изготват план и токму во тој план се ставени задачите на одговорниот, задачите на помошникот на одговорниот на обезбедувањето и местото. Во Анекс плановите за реализацијата е наведен и распоред на службите за сообраќајното обезбедување, а УПС ангажирани за сообраќајното обезбедување треба да бидат облечени како за редовна работа, за извршување на работни задачи за КРС и опрема за справување со нарушен ЈРМ. Воедно наведени се и мерки за воспоставување на евентуално нарушен ЈРМ.

Началникот на СВР С. И.В. до МВР на РМ, СВР С., ЕПСОНРС – ОКНПСОНРС доставил Писмено барање рег. бр. 28-109 од 27.02.2017 година, па видно од ова барање за ангажирање на посебните и специјалните единици бара ангажирање на овие сили за физичко обезбедување на ненајавен собир во организација на граѓани организирани преку електронски портали и социјални мрежи кој ќе се одржи на ден 27.02.2017 година со почеток во 17,00 часот пред Владата. Овие сили би се користеле како сили за интервенција во случај на нарушен ЈРМ во поголем обем. Притоа е наведено дека СВР С. има потреба од пет вода за постапување. Вакво барање било доставено и за ненајавениот собир за ден 28.02.2017 година, што е видно од Писмено барање рег. бр. 28-112 од 28.02.2017 година. Со ова барање се наведува дека СВР С. има потреба за тој ден од 3 вода. За ден 01.03.2017 година за истите цели СВР С. побарува 3 вода што е видно од Писмено барање рег. бр. 28-119 од 01.03.2017 година. Видно од Писмено барање рег. бр. 28-123 од 02.03.2017 година за ден 02.03.2017 година заради физичко обезбедување на ненајавен собир СВР С. има побарување за ангажирање на посебните и специјалните единици од 5 вода. За ненајавениот собир во организација на граѓани организирани преку електронски портали и социјални мрежи кој требал да се одржи на 03.03.2017 година СВР С. бара ангажирање на посебните и специјалните единици и тоа три вода, а ова е видно од Писмено барање рег. бр. 28-138 од 03.03.2017 година. Согласно Писменото барање рег. бр. 28-139 од 03.03.2017 година за ненајавениот собир што требал да се одржи на 04.03.2017 година СВР С. бара ангажирање на посебните и специјалните

единици, а станува збор за 3 вода. За ден 06.03.2017 година СВР С. бара ангажирање на посебните и специјалните единици и тоа три вода, што јасно се гледа од доставеното Писмено барање рег. бр. 28-143 од 06.03.2017 година. Од доставеното Писмено барање рег. бр. 28-144 од 07.03.2017 година може да се утврди дека СВР С. бара ангажирање на посебните и специјалните единици за ненајавениот собир кој требал да се одржи на 07.03.2017 година, а станува збор за три вода. Видно од Писменото барање рег. бр. 28-149 од 08.03.2017 година СВР С. бара ангажирање на три вода од посебните и специјалните единици за ненајавен собир кој требал да се одржи на 08.03.2017 година. Согласно Писменото барање Рег. бр. 28-151 од 07.03.2017 година за ненајавен собир кој требал да се одржи на ден 09.03.2017 година СВР С. имало потреба од ангажирање на посебните и специјалните единици, а станува збор за три вода. СВР С. доставил Писмено барање Рег. бр. 28-153 од 09.03.2017 година за ангажирање на посебните и специјалните единици и за ден 10.03.2017 година, а воедно вакво барање е доставено и за 11.03.2017 година, па видно од истото Писмено барање Рег. бр. 28-163 од 10.03.2017 година СВР С. побарува три вода, додека за 12.03.2017 година повторно се бара ангажирање на три вода на посебните и специјалните единици што е видно од Писмено барање Рег. бр. 28-161 од 10.03.2017 година. Согласно Писмено барање Рег. бр. 28-173 од 10.03.2017 година СВР С. бара ангажирање на посебните и специјалните единици, а се работи за три вода за ненајавен собир што требал да се одржи на ден 13.03.2017 година, додека за ненајавениот собир што требал да се одржи на 14.03.2017 година се побарува ангажирање на два вода, видно од Писмено барање Рег. бр. 28-177 од 14.03.2017 година. Со Писмено барање Рег. бр. 28-182 од 15.03.2017 година, СВР С. побарува два вода за ненајавен собир што требал да се одржи на 15.03.2017 година, а видно од Писмено барање Рег. бр. 28-183 од 15.03.2017 година, СВР С. повторно побарува два вода за ненајавениот собир што требал да се одржи на ден 16.03.2017 година, потоа за ненајавениот собир што треба да се одржи на 17.03.2017 година повторно се бараат два вода, а ова произлегува од Писмено барање Рег. бр. 28-191 од 14.03.2017 година. Согласно Писмено барање Рег. бр. 28-196 од 17.03.2017 година за ненајавен собир што требал да се одржи на 18.03.2017 година повторно се бараат два вода, а за 20.03.2017 година е испратено Писмено барање Рег. бр. 28-198 од 17.03.2017 година со кое што повторно се бара ангажирање на два вода. Неспорно е дека од страна на СВР С. е испратено и Писмено барање Рег. бр. 28-197 од 16.03.2017 година со кое што се бара ангажирање на посебните и специјалните единици за ден 21.03.2017 година и тоа два вода, а со Писмено барање Рег. бр. 28-212 од 23.03.2017 година се бара ангажирање на дополнителни два вода или вкупно четири вода кои што би постапувале на ден 21.03.2017 година. Со Писмено барање Рег. бр. 28-2758 од 21.03.2017 година, СВР С. бара ангажирање на посебните и специјалните единици за ден 22.03.2017 година, а станува збор за два вода, а исто толку побарува и за ден 23.03.2017 година, што е видно од

Писмено барање Рег. бр. 28-211 од 22.03.2017 година. Со Писмено барање Рег. бр. 28-213 од 23.03.2017 година, СВР С. за ден 24.03.2017 година бара ангажирање на два вода, а исто толку вода се бараат и за ден 27.03.2017 година, што произлегува од Писмено барање Рег. бр. 28-218 од 24.03.2017 година. Согласно Писмено барање Рег. бр. 28-225 од 27.03.2017 година, СВР С. за ден 28.03.2017 година бара ангажирање на два вода, а исто толку бара и за ден 29.03.2017 година, што е видно од Писмено барање Рег. бр. 28-229 од 28.03.2017 година. За ден 31.03.2017 година СВР С. побарува ангажирање на два вода од посебните и специјалните единици, а ова е видно од Писмено барање Рег. бр. 28-232 од 30.03.2017 година, а исто толку побарува и за ден 03.04.2017 година, што неспорно произлегува од Писмено барање Рег. бр. 28-234 од 31.03.2017 година. Со Писмено барање Рег. бр. 28-245 од 04.04.2017 година, СВР С. за ден 04.04.2017 година бара ангажирање на два вода од посебните и специјалните единици, а за ден 05.04.2017 година исто така се побарува два вода што неспорно произлегува од Писмено барање Рег. бр. 28-246 од 04.04.2017 година. Согласно Писмено барање Рег. бр. 28-256 од 05.04.2017 година, СВР С. бара ангажирање на посебните и специјалните единици за ден 06.04.2017 година, а станува збор за два вода, а исто толку вода бара и за ден 07.04.2017 година кое нешто може да се утврди од Писмено барање Рег. бр. 28-257 од 06.04.2017 година. Со Писмено барање Рег. бр.28-259 од 07.04.2017 година, СВР С. бара два вода од посебните и специјалните сили, а исто толку вода побарува и со Писмено барање Рег. бр. 28-267 од 10.04.2017 година, кое се однесува за ден 11.04.2017 година, потоа со Писмено барање Рег. бр. 28-268 од 10.04.2017 година за ден 12.04.2017 година повторно се бара ангажирање на два вода, но и за 20.04.2017 година СВР С. побарува ангажирање на посебните и специјалните единици и тоа два вода што јасно произлегува од Писмено барање Рег. бр. 28-293 од 18.04.2017 година. Со Писмено барање Рег. бр. 28-294 од 18.04.2017 година, СВР С. бара ангажирање на посебните и специјални единици за ден 19.04.2017 година, а станува збор за два вода. Потоа со Писмено барање Рег. бр. 28-3845/1 од 21.04.2017 година, за ден 21.04.2017 година СВР С. бара ангажирање на два вода, а исто толку се бара и за ден 24.04.2017 година, кое нешто произлегува од Писмено барање Рег. бр. 28-3850/1 од 21.04.2017 година. Со Писмено барање Рег. бр. 28-3906/1 од 24.04.2017 година, СВР С. бара ангажирање на посебните и специјалните единици за ден 26.04.2017 година, а видно од ова барање се работи за два вода. Со Писмено барање Рег. бр. 28-3932/1 од 25.04.2017 година, СВР С. повторно побарува за ден 26.04.2017 година два вода да бидат ангажирани од посебните и специјалните единици. СВР С. доставило Писмено барање Рег. бр. 28-4028/1 од 26.04.2017 година и видно од истото за ден 27.04.2017 година бара ангажирање на посебните и специјалните единици, а се работи за два вода, а видно од Писмено барање Рег. бр. 28-4029/1 од 26.04.2017 година, СВР С. за ден 27.04.2017 година бара ангажирање на два вода за ден

27.04.2017 година, што значи за овој ден биле доставени две барања, што неспорно произлезе од истите.

Од страна на МВР на РМ, Централни полициски служби, Оддел за специјални полициски операции изготвени се повеќе планови за превземање на оперативно тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести), па така видно од Планот за превземање на оперативно тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД бр. 23.4.2-9/16 од 20.03.2017 година, истиот е изготвен на ден 21.03.2017 година, а со цел безбедно и ефикасно спроведување на задачите од овој план, односно физичкото обезбедување на нејавен собир на организација на граѓани организирани преку електронски портали и социјални мрежи, а врз основа на барањето за ангажирање на посебните и специјалните единици од страна на СВР С., Единицата за брзо распоредување. Во овој план како и во останатите планови е наведен начинот на раководење и командување, но наведен е и начинот на дејствување на ОСПО, па така командата по која ќе постапуваат организациските единици требала да се одвива по следната линија на командување: началник на ОСПО према командант на Единицата кој ја пренесува командата, преку помошник командант на Единицата и конечно према командир на чета, вод, лидер на тим. Во Планот воедно е предвидено и обезбедување на Владата и Собранието, па за обезбедување на Владата бил ангажиран 1 вод припадници од ЕБР, а воедно наведено е дека за обезбедување на Собранието биле ангажирани 1 вод припадници од ЕБР.

Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/10 од 14.03.2017 година, се однесува на ден 15.03.2017 година каде што повторно за обезбедување на Владата требал да биде ангажиран 1 вод припрадници од ЕБР и исто толку за обезбедување на Собранието.

Видно од Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/9 истиот е изготвен на ден 14.03.2017 година за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Согласно Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/8 од 10.03.2017 година, истиот е изготвен на ден 13.03.2017 година според кој што за обезбедување на Владата предвидено е да биде

ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

По 1 вод припадници од ЕБР е предвиден за обезбедување на Владата и Собранието според Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/7 од 10.03.2017 година, кој што е изготвен на 12.03.2017 година.

Видно од Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/6 од 10.03.2017 година, истиот е изготвен на ден 11.03.2017 година и согласно овој план за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Согласно Планот за превземање на оперативно - тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/5 од 09.03.2017 година, кој е изготвен на 10.03.2017 година за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

На ден 16.03.2017 година изготвен е План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/11 од 15.03.2017 година, па видно од истиот за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

По 1 вод припадници од ЕБР е предвиден за обезбедување на Владата и Собранието според Планот за превземање на оперативно - тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/12 од 16.03.2017 година, кој што е изготвен на ден 17.03.2017 година.

Видно од Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/13 од 17.03.2017 година, истиот е изготвен на ден 18.03.2017 година и согласно овој план за обезбедување на Владата предвидено е да биде

ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Согласно Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/14 од 17.03.2017 година, изготвен на 19.03.2017 година за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

На ден 20.03.2017 година изготвен е План за превземање на оперативно - тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/15 од 20.03.2017 година, па видно од истиот за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

По 1 вод припадници од ЕБР е предвиден за обезбедување на Владата и Собранието според План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/23 од 28.03.2017 година, кој е изготвен на ден 28.03.2017 година.

Видно од Планот за превземање на оперативно - тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/24 од 28.03.2017 година, истиот е изготвен на ден 29.03.2017 година и согласно овој план за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Согласно Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/20 од 24.03.2017 година, предвидено е за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието, а овој план е изготвен на ден 25.03.2017 година.

На ден 26.03.2017 година изготвен е План за превземање на оперативно - тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/21 од 24.03.2017 година, па видно од истиот за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод

припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

.

По 1 вод припадници од ЕБР е предвиден за обезбедување на Владата и Собранието според Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/22 од 27.03.2017 година, а истиот е изготвен на ден 27.03.2017 година.

Видно од Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/17 од 21.03.2017 година, кој е изготвен на ден 22.03.2017 година предвидено е за обезбедување на Владата да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Согласно Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/18 од 22.03.2017 година, предвидено е за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието, а овој план е изготвен на ден 23.03.2017 година.

На ден 24.03.2017 година изготвен е План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/19 од 22.03.2017 година, па видно од овој план предвидено е за обезбедување на Владата да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Согласно Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/25 од 30.03.2017 година, кој е изготвен на 30.03.2017 година предвидено е за обезбедување на Владата да бидат ангажирани 2 вода припадници од ЕБР, а за обезбедување на Собранието 3 вода припадници на ЕБР.

Видно од Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/26 од 03.04.2017 година, за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и за обезбедување на

Собранието 1 вод припадници на ЕБР, а овој план е изготвен е на ден 04.04.2017 година.

Согласно Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/27 од 03.04.2017 година, кој е изготвен на ден 04.04.2017 година предвидено е за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

По 1 вод припадници од ЕБР е предвиден за обезбедување на Владата и Собранието според Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/28 од 05.04.2017 година, а истиот е изготвен на ден 05.04.2017 година.

На ден 06.04.2017 година изготвен е План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/29 од 06.04.2017 година, па видно од овој план предвидено е за обезбедување на Владата да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Видно од Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/30 од 07.04.2017 година, за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и за обезбедување на Собранието 1 вод припадници на ЕБР, а истиот е изготвен е на ден 10.04.2017 година.

Согласно Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/31 од 07.04.2017 година, кој е изготвен е на ден 10.04.2017 година, за обезбедување на Владата и на Собранието предвидено е да биде ангажиран по 1 вод припадници од ЕБР.

По 1 вод припадници од ЕБР е предвиден за обезбедување на Владата и Собранието според Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/32 од 07.04.2017 година, а овој план е изготвен на ден 08.04.2017 година.

На ден 09.04.2017 година изготвен е План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/33 од 07.04.2017 година, па видно од истиот предвидено е за обезбедување на Владата да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/34 од 10.04.2017 година е изготвен на 11.04.2017 година и се однесува исто така за обезбедување на Владата и Собранието, а за обезбедување на исти објекти се однесува и Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/35 од 11.04.2017 година, изготвен на 12.04.2017 година и видно од истиот за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

По 1 вод припадници од ЕБР е предвиден за обезбедување на Владата и Собранието според Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/35 од 12.04.2017 година, а истиот е изготвен на ден 12.04.2017 година.

На ден 01.04.2017 година изготвен е План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/36 од 11.04.2017 година, па видно од истиот предвидено е за обезбедување на Владата да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Видно од Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/37 од 11.04.2017 година, кој е изготвен на 02.04.2017 година за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Согласно Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-

9/38 од 12.04.2017 година, за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието, а овој план е изготвен на ден 13.04.2017 година.

Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/39 од 13.04.2017 година, изготвен е во деновите 14, 15, 16 и 17.04.2017 година, а Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/40 од 13.04.2017 година, изготвен е на ден 18.04.2017 година и во истиот предвидено е за обезбедување на Владата да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

На ден 19.04.2017 година изготвен е План за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/41 од 13.04.2017 година, па видно од истиот предвидено е за обезбедување на Владата да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/42 од 19.04.2017 година изготвен е 20.04.2017 година и според овој план предвидено е за обезбедување на Владата и Собранието да биде ангажиран по 1 вод припадници од ЕБР.

Видно од Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/43 од 20.04.2017 година, изготвен на ден 20.04.2017 година за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР.

Согласно Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/44 од 21.04.2017 година, за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието, а овој план е изготвен на ден 24.04.2017 година.

По 1 вод припадници од ЕБР е предвиден за обезбедување на Владата и Собранието според Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. Бр. 23.4.2-9/45 од 24.04.2017 година, а истиот е изготвен на ден 25.04.2017 година.

Согласно Планот за превземање на оперативно-тактички мерки (обезбедување на јавни собири, манифестации и протести) СД. бр. 23.4.2-9/46 од 25.04.2017 година, кој е изготвен на ден 26.04.2017 година, за обезбедување на Владата предвидено е да биде ангажиран 1 вод припадници од ЕБР и 1 вод припадници од ЕБР за обезбедување на Собранието.

Со писмен допис рег. бр. 23.2.1-02/71 од 12.04.2017 година до Оддел за специјални полициски сили доставена е копија од Анекс план Ев.бр.23.2.1-01/11-1 од 09.03.2017 година. Наведениот Анекс план за реализација се однесува на вонредни мерки за внатрешно и надворешно обезбедување на Собрание на РМ и евакуација и спасување ОА „Платформа“. Во овој анкес план во делот Сектор за превентивно обезбедување на личности и објекти меѓу останатото е наведено дека одговорен за сите активности ќе биде Оливер Поповски Началник на сектор. Во анекс планот е истакнат планот за евакуација и спасување при што се наведени и влезовите во Собранието кои би биле користени за евакуација, а евакуацијата ќе се вршела во непосредна комуникација и координација со тимовите за лично обезбедување, силите на ОСПО (ЕСЗ и ЕБР) и СВР С. . Планот за евакуација ќе се спроведе по претходно добиена наредба од страна на Оперативниот штаб во МВР во врска со ОА „Платформа“.

Согласно Телеграмата бр. 22.2-46 од 19.4.2017 година Директорот на БЈБ Митко Чавков наведената телеграма ја испратил до началниците на СВР С., СВР Т. и СВР О. и притоа во истата е наведено дека во врска со ненајавените јавни собири на граѓани организирани од страна на граѓанска иницијатива под мотото „За заедничка М.“ за 20.04.2017 година во врска со отворената ОА „Платформа“ согласно Барање бр.28-3665/1 од 18.04.2017 година од СВР С., а заради превземање на навремени мерки и активности за одржување на јавниот ред и мир и одржување на поволна безбедносна состојба на подрачјето од СВР С. потребно е да се стават на располагање полициски службеници и тоа од СВР Т. 25 УПС со одговорен старешина и СВР О. 10 УПС со одговорен старешина.

Сите претходно наведени материјални докази на обвинетиот Митко Чавков се декласифицирани, а имено со Решение за декласификација

бр.22.6.1.1-106840/1 од 19.12.2018 година се врши декласификација, односно промена од класифицирани акти со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ изготвени од страна на МВР во акти „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“, единствено за потребите на Основниот суд С. 1 С.-Одделение за организиран криминал и корупција и судската постапка по оформен предмет КОК.бр.40/18, потоа со Решение за декласификација бр.22.6.1.1-106842/1 од 19.12.2018 година се врши декласификација, односно промена од класифицирани акти со степен „ИНТЕРНО“ изготвени од страна на МВР во акти „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“, единствено за потребите на Основниот суд С. 1 С.-Одделение за организиран криминал и корупција и судската постапка по оформен предмет КОК.бр.40/18, со Решение за декласификација бр.22.6.1.1-106841/1 од 19.12.2018 година се врши декласификација, односно промена од класифицирани акти со степен „ДОВЕРЛИВО“ изготвени од страна на МВР во акти „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“, единствено за потребите на Основниот суд С. 1 С.-Одделение за организиран криминал и корупција и судската постапка по оформен предмет КОК.бр.40/18, при што во овие решенија се наведе сите акти во кои што се врши декласификација.

Обвинетиот Митко Пешов достави листа на докази меѓутоа предложените докази ги повлече со исклучок на предлогот за сослушување на сведокот Б. Т., а воедно истиот изнесе своја одбрана.

Сведокот Б.Т. во својот исказ наведе дека е вработен во МВР од 01.06.1992 година и на 27.04.2017 година бил командант на Единиците за обука и поддршка како дел од Одделот за специјални полициски операции. Наведе дека хиерархиски претпоставен му е Началникот на Одделот за специјални полициски операции, а во тој период бил Митко Пешов. Според хиерархирската поставеност на МВР по хиерархија Митко Пешов за своите работни задачи одговара на неговиот непосреден старешина, а неговиот претпоставен старешина во тој период бил Началникот на Централните полициски служби. Наведе дека како и секој работен ден и тој на 27-ми, секое утро работното време почнувало со утринско известување и реферирање. Појасни дека на 27.04.2017 година бил во касарната „“ каде што се наоѓала базата на Единицата со која командувал. Наведе дека на 27.04.2017 година во текот на денот имале тековни активности реализирани во касарната „Ѓ. П.“, а во доцните попладневни часови, односно во вечерните часови имале активности во Собранието. Во Собранието биле упатени луѓе од неговата единица од негова страна за да помогнат да се евакуираат пратениците и колегите од Собранието надвор од објектот. Наредба да ги упати полицајците од неговата единица во Собрание добил од началникот Митко Пешов. Појасни дека во Единицата со која што раководел во тоа време имало само 13 луѓе во базата и тоа било се со што располагал во касарната „Ѓ. П.“. Истите ги упатил околу 19:40 или 19:45 часот по наредба на Началникот, се упатиле према Собрание, а наредба за повикување на целокупниот состав во

неговата единица добил од Началникот Митко Пешов околу 20:20 или 20:25 часот. Истакна дека припадниците на Единицата со која што командувал во тоа време биле од сите сектори за внатрешни работи буквално од сите градови на Републиката, па од моментот на давањето задача за нивно собирање и доаѓање во базата „Ѓ.П.“ во зависност од растојанието на Секторот за внатрешни работи од базата во „ Ѓ.П.“ “ потребни биле од 3 до 7 часа, при што наведе дека за следење на состојбата на терен имало дежурен оперативен центар. Понатаму, наведе дека таа бројка што ја имал во моментот во база ја испратил према Собранието со задача да се приклучат на помошникот командант на ЕБР В.Н. и да му помогнат во блокирањето на ходниците во Собрание и евакуација на пратениците и повредените колеги од Собранието надвор. Првата група од 13 луѓе према Собранието ја упатил заедно со неговиот помошник командант Б.Н. . По нивното пристигнување во Собрание тие го информирале дека се влезени внатре, дека направен е контакт со В.Н., дека состојбата е хаотична и дека се обидуваат да воспостават ред. Истакна дека на 27.04.2017 година и тој бил во Собранието. Во Собранието пристигнал околу 20:50 часот, односно пред Собранието или поточно задниот дел на Собранието кај што е гаражата. Прво што забележал било огромна толпа на луѓе пред гаражата на Собранието, две санитетски возила кои што во моментот пристигнале и по кои што се мавало со дрвја и со тапи предмети. Таму се сретнал со командатот на Единицата за специјални задачи и со командантот на Единицата за брзо распоредување кои што пристигнале во ист момент. Со командантот од Единицата за специјални задачи имало околу 15-тина припадници на специјалната единица кои што немале опрема за воспоставување на нарушениот ред и мир и освен тие луѓе таму во моментот немало ниту еден полицаец во моментот за да влезат во Собранието, тој сам се одвоил од групата и покрај службениот влез, покрај влезот кон АРМ дошол на главниот влез на Собранието. Тоа што го забележал пред сите влезови е дека имало полицајци пред Собранието, вратите биле затворени и голема група на луѓе пред сите врати биле видно агресивни. Кога дошол на главната врата од Собрание вратите биле ширум отворени, влегол низ вратата внатре во ходникот и се упатил по скалите кон кабинетот на Претседателот на Собрание од каде што колегите од неговата единица барале помош бидејќи имало повреден полицаец. Наведе дека бидејќи се движел сам по скалите и према вратата каде што биле луѓето, забележал дека огромна група на луѓе се влезени во холот пред кабинетот на Претседателот на Собранието и насилно се обидувале да ја разбијат десната врата на ходникот каде што од другата страна биле припадниците на неговата единица и барале помош. За време додека се движел низ толпата на масата бил сниман со телефон, исфиркуван, вреѓан, но и покрај тоа останал горе, ја видел ситуацијата по што слегол надвор и со командантите на ЕСЗ и ЕБР се споиле. Во меѓувреме од ЕБР биле дојдени некои 5-6 луѓе, а информација од неговите луѓе добил дека имаат повреден полицаец кој што е удрен со дрво по главата и решиле со тие

сили што ги имаат да влезат внатре и луѓето да ги одвратат од намерата да ја пробијат вратата и да се упатат кон делот каде што биле колегите и евакуираните пратеници. Почнале да се туркаат со луѓето што биле пред вратата, во меѓувреме пристигнале уште 5-6 полицајци од ЕБР бидејќи вратите биле ширум отворени кога масата видела дека ќе бидат потиснати, повикувале помош од надвор при што им се приклучиле дополнителен број на луѓе во самиот хол на ходникот со кои што требало да се справуваат и да ги истуркаат буквално од ходникот кон надворешната врата. Отстранувањето на таа група одело споро и мачно, им го гаселе светлото постојано, било тотален мрак во ходникот, групата била доста агресивна, не постоел друг начин групата да се отстрани од ходникот освен да се употребат шок бомби. Откако добиле дозвола за употреба на шок бомби, од страна на колегите на ЕБР биле употребени, по што целата група за многу брзо излегла надвор од влезната врата на Собранието. Се спуштиле со колегите во холот пред главниот влез на Собранието, сеуште имало доста луѓе во салата внатре влезено и лево и десно во ходниците на приземје, со луѓето што ги имале на располагање успеале и таа група да ги донесат во самиот хол во внатрешната страна на Собранието и повторно се соочиле со истиот проблем, се собрала голема група која што било невозможно да се избутка надвор од Собранието. Повторно биле употребени шок бомби, по што масата за многу брзо го напуштила Собранието. Ги затвориле влезните врати на Собранието, се ставиле физичките препреки на вратите од внатрешната страна и со колегите се упатиле во делот каде што биле евакуирани пратениците. Кога пристигнал во делот каде што биле евакуирани пратениците на страната „Винар“ од Собранието, забележал медицински екипи покрај пратеникот С. и огромен број на пратеници и други лица кои што биле евакуирани во просторот. Влегле во канцелариите од страната „Винар“ за да видат каква е ситуацијата пред влезот „Винар“ и да видат дали има услови за евакуација на луѓето бидејќи „Винар“ е специфичен влез со скали, а пред влезот имало огромна бројка на луѓе и невозможно било пратеникот С. на носила да го пуштат од тој влез. Одлучиле да се спуштат во подрумот и од влезот за гаражата да ја направат евакуацијата на луѓето, приоритет му дале на пратеникот С. кој што бил во бесознание на носила. Спуштањето од првиот кат до подрумот на влезот „Винар“ бидејќи скалите биле многу тесни и стрмни траел бесконечно и долго со носилата и медицинските екипи. Кога стигнале до влезот од внатрешна страна на гаража први за евакуација биле пратеникот и тројца повредени колеги, со луѓето што ги имале на располагање. Со полицајците што ги имале на располагање направиле брза координација од внатрешна страна од влезот гаража, се договориле со брзо ненадејно отварање ширум на двете врати, со шок бомби и со излегување директно во масата да ја разделат масата на два дела, едната према „Статистика“ другата према Градска болница и да направат простор на влез на возила до влезот „Гаража“ за да ја направат евакуацијата. Така и направиле. Масата била разбиена на два дела со големи потешкотии, со шок бомби, огромен

број на бекатон коцки, на дрвја, на предмети летале према нив, успеале да ги оттргнат на безбедно растојание по што ги повикале возилата и почнала евакуацијата. Први биле евакуирани повредениот пратеник и повредените колеги и упатени према Ургентниот центар, а останатиот дел од луѓето што биле внатре, накаде околу 100 од кои околу 70 биле пратеници, со нивни возила биле упатени кон Касарната „Ѓ. П.“. Во Касарната „Ѓ. П.“ ги чекал човек на капија и медицински екипи со задача на сите што им требала медицинска помош да им се укаже во Касарната и на сите поединечно на самиот влез на Касарната да им се укаже дека не биле приведени и дека можеле да повикуваат возила и да ја напуштат Касарната по нивна желба. На 8 луѓе им била укажана помош, а за околу половина час сите ја напуштиле Касарната. Сведокот појасни дека освен тие 13 лица од неговата единица кои што ги споменал биле упатени и други припадници од неговата единица во Собранието на РМ до пред целосното активирање на единицата, при што наведе дека Единицата со која што раководел во тоа време извршувала задачи за обезбедување на еден објект витален во подрачје на С., во 19:00 часот се вршела смена на тој објект, кога се вратила смената од објектот и таа веднаш била упатена кон Собранието, при што напомена дека се работи за токму 13 луѓе. Појасни дека Единицата за обуки и поддршка со која што раководел во тоа време за акциски ангажмани се ангажирала по наредба од Директорот на БЈБ и Началникот на Централни полициски служби, во тоа време Г.Г., а за вежбовни активности од Началникот на Централни полициски служби и Началникот на ОСПО и наведе дека освен за Единицата со која што командувал тој, за другите единици нема информација на кој начин биле ангажирани. Истакна дека кога се слушнале со Началникот Пешов луѓето што ги имал во база биле упатени кон Собрание и побарал дополнително појаснување што понатаму, му било кажано да почека, по што околу 20:10 часот му се јавил Митко Пешов и му рекол да бидат повикани припадниците на ПЕП по секторите и да останат таму, а потоа околу 20:25 часот повторно му се јавил и му рекол како ќе се собираат припадниците од ПЕП по секторите така да тргнат према С. . Воедно сведокот наведе дека околу 20:50 часот кога пристигнал позади Собрание, Командантот на ЕСЗ дошол со околу 15 луѓе без опрема за јавен ред и мир и во тој момент тоа биле сите сили дополнително дојдени кои што не биле внатре во Собранието. Појасни дека зборот евакуација и задачата за евакуирање на пратениците и луѓето од Собранието значи нивно изнесување надвор од објектот на Собранието и евакуацијата на првиот повреден пратеник и на најповредените луѓе започнала некаде околу 22:00 часот, 22:10 часот. Притоа истакна дека кога дошол во Собрание, односно кај гаражата, поминал пешки околу сите влезови на Собранието од кај домот на АРМ и пред сите влезови имало огромна бројка на луѓе, гневни, нервозни, состојбата на „Винар“ кога ѕирнал од прозорот била исто така, самото негово појавување на прозор предизвикало бурна реакција. Неговата Единица била опремена комплетно со стандардната опрема која што ја имала во својата формација, опремата што ја должи формациски неговата

Единица не може да каже за што точно служи, но била таква да може да одговори на сите закани и предизвици и истата дејствува секогаш според ситуацијата што ја имаат во рамките на своите надлежности.

Сведокот во својот исказ меѓу останатото појасни дека хиерархиски претпоставен му е Началникот на Одделот за специјални полициски операции, а во тој период билобвинетиот Митко Пешов и од истиот добил наредба да ги упати полицајците од неговата единица во Собрание, па дури потоа од негова страна биле испратени само 13 луѓе бидејќи тоа било се со што располагал во касарната „ Ѓ.П.“ “. Истите ги упатил околу 19:40 или 19:45 по наредба на Началникот, се упатиле према Собрание, а наредба за повикување на целокупниот состав во неговата единица добил од Началникот Митко Пешов дури околу 20:20 или 20:25 часот. Битно е да се нагласи дека овој сведок појасни дека тој побарал од обвинетиот Митко Пешов дополнително појаснување што понатаму, на што му било кажано да почека, па дури во 20:10 часот му се јавил Митко Пешов и му рекол да бидат повикани припадниците на ПЕП по секторите и да останат таму, а потоа околу 20:25 часот повторно му се јавил и му рекол како ќе се собираат припадниците од ПЕП по секторите така да тргнат према С. . Отука јасно произлегува дека обвинетиот Митко Пешов закаснето ја издал наредбата, а поточно истиот не постапил благовремено со цел да се спречат настаните. Овие наредби почнале да се издаваат откако масата народ не само што беше влезена во Собранието, туку и откако пратеници, новинари и службени лица беа тепани и повредени.

Во текот на доказната постапка беа изведени доказите на обвинетиот Д.Л., па така беа сослушани сведоци и изведени материјални докази.

Сведокот Ѓ. С.  во својот исказ наведе дека е вработен во МВР, во моментот работи како главен инспектор за јавен ред и превенција во Секторот за полициски работи од општа надлежност. Наведе дека Оперативната акција „Платформа“ била воспоставена од БЈБ во врска со протестите кои се организирале под мотото „За заедничка М.“ за што бил изготвен соодветен план со мерки и активности во кој биле предвидени сите членови на Оперативниот штаб, членови на Оперативниот тим со јасно прецизирани позиции и систем на командување и нивно членство. Истакна дека на 27 април бил на работното место во редовна смена и дополнително во Оперативниот штаб како член во Оперативниот тим. Како член на Оперативниот тим на работа бил согласно распоредот, а улогата и задачите на Оперативниот тим не биле предвидени во законската и подзаконската регулатива, туку со едноставни зборови кажано тоа претставувало еден вид логистика на членови на Оперативниот штаб од истата организациона единица заради зголемен обем на работни активности и заради поквалтитетно извршување на работните задачи на систем согласно Оперативната акција „Платформа“. Во секторите за внатрешни работи биле формирани помошни штабови и

системот на пренесување на информации и податоци се слевал преку Секторот за внатрешни работи, член на Оперативен тим кој пренесува на член на Оперативниот штаб и понатаму до Раководителот на Оперативниот штаб. Согласно планот за мерки и активности во Оперативниот штаб биле предвидени членови на оперативни тимови, членови на оперативни штабови и ланецот на командување златна, сребрена и бронзена команда. Златна команда бил тогашниот Директор на БЈБ Митко Чавков, сребрен командир бил Началникот на СВР И.В., а зборува конкретно за С. и бронзена команда З.С. . Наведе дека 27-ми април за жал ќе му остане во лош спомен. Тој ден тој го отворил Оперативниот штаб во 16:30 часот, согласно распоред за работа со него таму биле присутни од неговата организација, од Секторот за полициски работи општа надлежност бил тој, од Секторот за сообраќај Т.Г., од Одделот за заштита на определени личности и објекти С.Т., од Одделот за криминалистичка полиција С.Т., а како единствен член на Оперативниот штаб бил Началникот Д.Л. . Согласно телеграмата што била изготвена од БЈБ биле прецизирани задачите и улогите на Оперативниот тим и по обичај како што многу траеле протестите имале континуирано смени истиот работник да биде неколку пати како учесник во Оперативниот тим на таа смена. Веднаш започнале со брифингот, согласно податоците што им пристигнувале од секторите за внатрешни работи бил направен преглед на настани, а за тој ден имале најава за околу 22 собири од кои мисли дека се случиле некаде околу 15-16 јавни собири имало и така со колегата Т.Ѓ. ги поделиле по три сектори за брифирање, три Т., три тој. Тој брифирал за СВР О., Б. и В. бидејќи Т. немало, немале никаков податок дека ќе има насилство или било кои други податоци. Протестот како по обичај започнал во 17:00 часот од пред Владата на РМ. Имало објава дека во 17:00 некаде, 17 и некоја минута има околу 1.500 граѓани и истите во 17:30 се упатиле по вообичаената рута према Собранието на РМ. Таму пристигнале, вообичаените говори кои што ги имале на бина кај 18:00 часот отприлика мисли дека завршила активноста, за да некаде после 5 минути колегата што бил задолжен од Одделението за заштита на определени личности и објекти телефонски известил дека седницата е завршена во Собрание, за што Началникот Д. добил насока „по можност гледајте пратениците да не излегуваат на предна врата, туку тоа да го направат од гаражниот дел, од задниот дел, заради да не се предизвикаат некои провокации и слично“. Веднаш потоа, истиот колега известил дека пратениците не си одат, останати се во салата, тоа известување било толку, дека се останати внатре и дека работата останува на тоа. Мисли дека за едно 10 минути веднаш после тоа кажал дека добил податок дека ќе се избира Претседател на Собранието, за што од Началникот Д. веднаш добиле насока заедно со колегата Т. да воспостават веднаш контакт со подрачните СВР да ја следат состојбата таму, па доколку има евентуално организирано, најава за организирано доаѓање према С. веднаш да може да го известат СВР С. за да се организира. По одреден период се слушнала објава преку радио врска дека граѓаните ги туркаат

металните огради, за што Началникот Д. веднаш дал насока према претставникот од ОЗОЛО, веднаш доколку се во можност да ги затворат вратите од внатрешна страна, мисли дека и С.Т. известил према одговорниот на ОЗОЛО, за што исто тој ги известил дека истовремено побарал дополнителни сили од Владата, како и дополнителни сили од Управата горе кај што им било седиштето, но после последната објава дека ги туркаат оградите се смирила работата, објавил дека е смирено, меѓутоа за кратко време повторно се слушнала нова објава преку радио врска дека граѓаните се насилни и ги префрлаат оградите и се упатуваат према Собрание. Во тој момент Началникот Д. на таа напната состојба давал насоки и до нив и до претставникот на ОЗОЛО да ги зајакне службите внатре во внатрешниот дел на Собранието. Објавата ја вршел З.С. преку радио врска од СВР С., а внатре комуникацијата од Собрание ја добивале од С.Т., претставникот од ОЗОЛО. По информацијата што ја добиле дека народот пред Собранието ја прескокнува оградата, Началникот Д. му дал насока него и на неговиот колега од сообраќај, проверки по сектори за внатрешни работи, додека према претставникот на ОЗОЛО зајакнато обезбедување на внатрешниот дел на вратите. Појасни дека Оперативниот штаб бил сместен во шесттата зграда, гранична полиција во подрумскиот дел од десна страна, тоа било една поголема просторија во која физички биле одвоени членовите на Оперативниот штаб, членовите на Оперативниот тим и кај членовите на Оперативниот тим биле поставени системите за комуникација, специјална врска, градска линија, осум радио врски од осум Сектори за внатрешни работи и три радио врски од специјалните единици на полиција. Наведе дека имајќи го предвид претходното искуство, тој ден во просторијата каде што бил Оперативниот штаб немало претставник на специјалната единица во Оперативниот тим, ниту пак претставници од Оперативниот штаб кои биле членови согласно планот. Колку што се сеќава, некаде околу 19:20 – 19:30 часот во Оперативниот штаб влегол тогашниот Министер за внатрешни работи А.Н., упаднале луѓе што тој навистина не ги познава, но претпоставува дека тие биле дел од обезбедувањето. Еден само го препознал Мегди, кој бил нешто како шеф на кабинетот и како што влегол така избезумен Министерот почнал да вика некакви нејасни работи, „кај е овој“, „не ми се јавува“, „што се случува ова, ги утепаа пратениците“, „не ми се јавува“, не му се јавувал раководителот на Оперативниот штаб. Се упатил према Началникот Д. и го прашувал, тој не слушнал добро што бидејќи биле прилично оддалечени од него, по што Началникот Д. од тоа што го слушнал, претходно не напоменал дека во објавата имало претходно маскирани лица, па имал постојана комуникација со СВР С., претпоставува бидејќи спомнувал легитимирање и континуирано било во телефонска комуникација, па му пришол Министерот кој во моментот разговарал на телефон и нешто што слушнал од таму е тоа дека му објаснувал дека бил извршен влез во Собранието, но според тие податоци што ги добиле од ОЗОЛО немало повредени лица туку само биле влезени внатре. Појасни дека тие биле малку распрскани,

тој ја слушал радио врската С. за да следи каква била состојбата за да евентуално ако требало да се носи некоја одлука да се знае каква е состојбата. Началникот Д. физички бил одвоен и Министерот се упатил гледано од негов агол во судницата према записничарот и почнал таму да вика на силен глас „да се спасат пратениците, ги утепаа“, нешто во тој контекст, не го разбрал се, „ангажирајте сили да се спасат, специјални сили“, но фокусот бил према аналитичарот да се внесе во записник и цело време бил фокусиран на тоа дека не му се јавувал Раководителот, не му кревал телефон, колку пати му вртел па рекол да се внесе тоа. Тие, секој си ја гледале својата работна задача, се створила една напната ситуација, почнал да вика „кај е Ламановски“, тој му кажал дека не е присутен, „каде е викајте го Станковски“, му кажал на годишен одмор, „викните го С. каде е С.“, а тој бил Помошник директор во Одделот за униформирана полиција и непосреден нивни шеф, па кога му кажал дека и тој е на годишен одмор, кажал нешто на албански јазик како пцовка му делувало. Понатаму сведокот наведе дека батеријата му се исклучила, па имало некои од полначите дополнителни, комуницирал со некој депутант, викал тоа го слушнал дека го утепале некој си пратеник, по што дополнително се извршила проверка од претставникот на ОЗОЛО по насока на Началникот Д. и добиле податок дека нема повредени туку само биле влезени внатре. Сведокот наведе дека реално гледано неговото присуство повеќе на некој начин им отежнало во временски разлики отколку што им помогнало. Истакна дека поранешниот Министер А.Н. бил фокусиран на тоа зошто не му се јавувал Раководителот, колку пати му вртел, кажал тој со негови зборови да се направи нешто, да се ангажираат дополнителни сили, да се спасат пратениците. Наведе дека не се сеќава редоследно до крајот на денот што се случувало, кој доаѓал, што правел, но мисли дека некаде до 20:00 часот се екипирале сите, дошол и Раководителот на Оперативниот штаб во еден период, во тој момент Министерот веќе не приговорил ништо, се стишал, имале мала меѓусебна комуникција, можеби на повисок тон меѓутоа не слушнал ништо, а тој и колегата Т. цело време ги имале воспоставено контактите со секторите и како што ги добивале податоците ги проследувале до Началникот Д. . Имало најава, доаѓале и комбиња и приватни возила према С., па кога се комплетирал целиот штаб започнале подготовки за евакуација на пратениците. Со командите раководел Раководителот на Оперативниот штаб, прво почнал да ги проследува тогашниот Началник на Централни полициски служби, во тоа му помагал тогашниот Началник Митко Пешов и на крај се наметнал С.М., Помошник началник во ЦПС за специјални единици, односно на самиот старт на евакуацијата сите команди доаѓале од Раководителот на Оперативниот штаб. Имало малку при издавањето на команди нејаснотии, потоа кажале „со употреба на средства и сили неопходни“, но С.М. преку контакт, преку радио врска кажал „со сите сили и средства се што ви е на располагање“, за што бил укорен од Раководителот да внимава бидејќи се работело за затворена просторија, многу граѓани и употребата на пиротехничките средства, односно солзавци, флеш бомби или шок, да не предизвикаат

паника и повредат недолжни граѓани. Не знае колку време отприлика траело, мисли дека брзо се случила активноста и по завршување на целокупната активност Министерот направил завршен брифинг. Во тој завршен брифинг дозволил да каже секој од својата област, негово гледање и мислење, но на излагањето на Началникот Д. му упаѓал неколку пати, така со упаѓање продолжил тој брифинг. Министерот малку на некој несоодветен начин ги понижил сите присутни внатре во смисла како не биле способни да си ја завршат работата и дека рекол „со толку професионалци дојде јас да Ви ја решавам работата“. Сведокот наведе дека како член на Оперативниот тим, како логистика на член на Оперативен штаб, немал ни командна одговорност, тој само ги пренесувал информациите. Појасни дека настанала објава од одговорниот на СВР С., Началникот И.В. дека во „Жена парк“ биле воочени лица со црни качулки, па веднаш потоа Началникот Д. претпоставува дека разговарал со СВР С. затоа што слушнал „да се изврши легитимирање на лицата“, претпоставува дека се работело за тие лица, а СВР С. што понатаму направило, тоа не знае. Истакна дека во Планот за мерки и активности точно бил прецизиран системот на командување, златна, сребрена, бронзена команда и точно биле делегирани задачите. Притоа наведе дека во Законот за внатрешни работи точно се прецизирани, односно категоризирани неговите обврски како главен инспектор за јавен ред и мир и превенција, односно дека тој има надлежност на цела територија на РМ, но како стручен работник. Освен тоа смета дека во конкретниот случај не се работело за некоординација, туку според него за нејасна состојба, не присуствувале сите членови за да координацијата на Оперативниот штаб биде спроведена во целост. Сведокот наведе дека имајќи предвид што се се случило, конкретно зборува за полицијата, паднала на испитот, а тој се срами за настаните од 27.04.2017 година, а дали од некоординација или било што друго, како долгогодишен полицаец размислува со неговото 26 годишно искуство за жал многу лош пример, поборник е и правдољубец, пред се христијанин, цела кариера правдољубиво, чесно и поштено работел и жално било тоа што се случило во Министерството. Сведокот појасни дека Планот за мерки и активности се однесувал за цела територија, Раководител на Оперативниот штаб што се однесувал за цела РМ и златна команда бил обвинетиот Митко Чавков, а сите началници на Секторите за внатрешни работи биле сребрени команди, додека бронзена команда било одговорното лице што било назначено од началникот на Секторот за внатрешни работи тој ден, односно на дневна основа во секој Сектор или полициска станица, во секој град каде што имало протест началникот на сектор назначувал бронзена команда и така било во континуитет. Началникот Д. согласно Планот бил член на Оперативниот штаб и согласно Стандардно оперативна процедура немал овластување да издава наредби. По системот на командување обвинетиот Д. Л. пред се бил должен да го извести Помошникот директор во Одделот за униформирана полиција, по ланец на командување тој према Раководител на Оперативен штаб. Наведе дека таму имало 40 лица континуирано, тие

биле како советодавен тим на Раководителот на Оперативниот штаб секој во својата област. Истакна дека на 27-ми април бил присутен во просториите на Оперативниот штаб, од 16:30 кога штабот почнувал со работа го отворил штабот па останал до крај, а обвинетиот Д.Л. пристигнал во штабот минута, две после него, сите се собрале, сите биле во една просторија, при што појасни дека Оперативниот тим стои настрана на посебна маса кај што биле радио врските, системите и телефонските комуникации, а во долниот дел понатаму стојат членовите на Оперативниот штаб. Не се сеќава дали во некој период во попладневните часови обвинетиот Д.Л. останал сам во просториите на Оперативниот штаб, но не верува. Тогашниот Министер за внатрешни работи А.Н. пристигнал таму мисли 19:20, 19:30 часот и не се сеќава дали истиот побарал од обвинетиот Д.Л. да стапи во контакт со обвинетиот Митко Чавков. Наведе дека кога дошол тогашниот Министер А.Н. во просториите на Оперативниот штаб толпата народ веќе била влезена во Собранието. Сведокот појасни дека насоките кон него како член на Оперативниот тим биле тие што ги имал, претставникот од ОЗОЛО брифирал дека дополнителни сили биле донесени и знае дека имало еден период и малку напната ситуација кога Началникот Д. му се развикал на С., С. се жалел „ги тепаат полицајците“, а Д. им се развикал „па нека ги утепаат, па полицајци се нека се тепаат, нека издржат, кај ти барам сили на помош да ти помогнат“, значи во таа тензија имало повисок тон, а во насока да се направи нешто. Наведе дека пред да влезе толпата во Собранието, односно после првото туркање на оградите им било јавено дека лица со фантомки се видени во „Жена парк“, а за да се издаде наредба за да нешто се превземе ако во „Жена парк“ се види движење на луѓе со фантомки, ако има туркање на ограда и обид за насилен влез во Собрание требал пред се тој што е на лице место, тој што ја дава објавата имал ресурси, односно неговата објава била према „Треска 500“, тоа е СВР С. и ништо не ги спречува да извршат легитимирање. Доколку во таква состојба затаи носителот на златната команда, наведе дека колку што се сеќава таму има и Заменик раководител на Оперативниот штаб, а тоа бил Б. Д. . Наведе дека лично смета дека со воспоставувањето на тие процедури, златна, сребрена, бронзена команда, само се искомплицирала и отежнала работата, си ја искомплицирале работата, а се сеќава дека превземале и поинакви мерки без тие процедури и било функционално, за жал, а иницијатор за да се формира тоа според неговите претпоставки е дека тие во Министерството црпат некое меѓународно искуство континуирано и само надолу. Истакна дека кога Раководителот Митко Чавков пристигнал околу 20:00 часот во Оперативниот штаб, во тој период веќе имало крвничко тепање на пратениците во Собранието на РМ.

Сведокот во својот исказ јасно посочи кој бил присутен во Оперативниот штаб на 27.04.2017 година и што се случувало во просториите на Оперативниот штаб. Од неговиот исказ се потврди дека во Штабот дошол и тогашниот министер за внатрешни работи А. Н. кој одма му се обратил на обвинетиот Д. Л. при што навел дека не може да го добие златниот

командир, а тоа бил обвинетиот Митко Чавков и истиот барал да се спасат пратениците, бидејќи ги утепале како што кажал тој, но воедно барал да се ангажираат специјалните сили за да се спасат пратениците. Тој во својот исказ посочи дека обвинетиот Митко Чавков дошол во Оперативниот штаб околу 20:00 часот, а тоа бил период кога веќе имало крвничко тепање на пратениците во Собранието на РМ. Конечно и овој сведок нагласи дека тој ден полицијата паднала на испитот. Иако не знае дали тоа било заради некоординација или било што друго вели дека тоа што се случило на 27.04.2017 година е многу лош пример и жално било тоа што се случило во Министерството.

Сведокот Т. Г.  во својот исказ наведе дека како вработен во МВР на 27.04.2017 година бил на работно место Главен инспектор за Сообраќајни работи и превенција. Појасни дека на 27 април бил ангажиран на работа во редовна работна смена од 08:30 до 16:30 часот. Од 16:30 согласно усна наредба на тогашниот негов началник на единица С. С. бил упатен во просториите на Оперативниот штаб кој просторно бил сместен на приземјето од зградата каде што биле канцелариите на нивниот Сектор за сообраќајни работи. Во просториите на штабот биле и тогашниот Началник Д.Л., главниот инспектор од ЈРМ, Ѓ. С., кој го познава лично подолго време и двајца колеги, едниот е С.Т., го знае од кругот по извидување, но немал дотогаш прилика да работи со него и другиот, таму го запознал С.Т. кој бил од Одделот за обезбедување на лица. Откако се поздравиле, се обратил до Началникот Л. и им биле дадени задачи во пакет со колегата Ѓ. кои се однесувале на прибирање информации и податоци од Секторите за внатрешни работи К., Ш. и С. . Б. и СВР О. . Т. немало протести, а со подштабот на СВР С. комуникацијата одела со Началникот Л. . Сведокот наведе дека согласно спецификата на неговото работно место, Главен инспектор за сообраќајни работи и превенција приматот на неговиот интерес бил сообраќајот во тие сектори вклучително и СВР С. околу објектот на немилиот настан, но со трите сектори К., Ш. и С. во два или три наврати се слушнал со тамошните одговорни на штабовите кои што ги имало на некој список и на кратки негови прашања „какви се состојбите“ добивал одговори дека било редовно и податок за времето на отпочнување на протестот и првичниот број на граѓани кои се јавиле на истиот, а при второто јавување добил одговор дека протестите се одвивале во мирна атмосфера и дека нема проблеми, особено не во сообраќајот. Просторијата на штабот била околу 120 квадратни метри, а можеби и поголема, била во правоаголна форма и по симетрија по средината на истата, елипсовидно биле поставени маси и столчиња. На крајниот дел спроти влезната врата имало една мала табла. Кога ќе се влезе од влезна врата, од десна страна биле поставени две бироа, таму имало еден или два фиксни апарати, не се сеќава, поточно два, еден бил врзан за факсот, еден факс и имало неколку радио станици кои ги следеле тој и Ѓ., радио врски. Присутна била и колешката Б. Ш., која што била записничар од Одделот за аналитика и како ги добивале информациите, откога ќе ги пренеселе на одговорниот Началник Л., истите ги кажувале,

таа ги следела, ги слушала истовремено, а по потреба и повторувале и таа ги нотирала во материјал кој што најверојатно служел за записникот. Така било мирно до некое време. Имало телевизор во просторијата на штабот, од друга пософистицирана техника која според него е нужно потребна за таков штаб, немало ништо, мисли на пософистицирани уреди за видео, аудио записи кои би биле он лајн поврзани, на пример, со просториите на објектот кај што се случил настанот или надвор од него. Во една таква атмосфера, во една таква просторија бидејќи просторијата била голема, тој постојано бил кај записничарката бидејќи таму биле телефоните, а го користел и службениот мобилен. Мисли дека околу 18:20 часот Началникот Л. ја добил информацијата по радио врска објавена од Началникот С. З. кој раководел со силите пред Собранието за надворешно обезбедување која била во контекст дека граѓаните ги нишале оградите со намера да ги пробијат и да се упатат кон Собранието. После само неколку минути Ѓ. поминал и му се обратил со зборовите „Ќути, се смири ситуацијата“ со задоволство на лице дека бил неутрализиран нападот. За тоа време на растојание од пет, шест, седум метри, тој забележал и детали од разговорот, а тоа е дека Началникот Л. интензивно зборувал на телефон и се информирал за ситуацијата на терен. Кога ќе направел мала пауза помеѓу разговор, на Ѓ. пред се на Ѓ., ако му паднел тој во видно поле, викал „јавувајте се по секторите, да ја следиме ситуацијата“, особено за него дека тој треба да се интересира за евентуално организирање на групи кои имале намера од внатрешноста да дојдат во С., а тоа му го повторил два пати. Наведе дека тој бил надвор, пред влезот на зградата, не во штабот кога пристигнал Министерот во зградата, во објектот каде што бил сместен штабот. Дошол со неколку луѓе, можеби пет или шест од неговото обезбедување и тоа било пракса, еден колега да оди напред, па од него сфатил дека доаѓа Министерот. Тој бил надвор, веднаш се појавил Министерот и го прашал „кај е штабот“, тој покажувајќи му каде е штабот влегол со нив, попатно Министерот коментирал дали знаат што се случува, тој не одговорил, а и немало време да одговори. Кога влегол во просторијата на штабот комуникацијата му продолжила со Началникот Л. . Се сеќава дека Л. исто разговарал со должно внимание, го поместил телефонот од уво за да му одговори на Министерот и разговарале, мисли дека го информирал за ситуацијата моментално, но наведе дека тој не можел да го знае тоа бидејќи Министерот му бил свртен со грб, помеѓу нив можеби имало и пет метри растојание и најмалку тројца членови од неговото обезбедување. Министерот разговарал во некои периоди на телефон движејќи се низ салата и во даден момент поминувајќи покрај него, дошол до записничарската маса и притоа му кажал на Л. дека го бара Директорот, истиот не му одговарал, тоа било махинално и во возбуда му го рекол и нему и притоа му наредил да го стават тоа во записникот, кое го нотирале во записникот со колешката, па повторно се оддалечил од кај нив и не може точно да каже што зборувале со Началникот Л. . Наведе дека во просторијата се направила некаква гужва, врева од други и од вклучениот телевизор, а телевизорот бил вклучен на Нова. На

телевизијата прикажувале дека има нереди и Началникот од сите нив најмногу Л. правел муабет со Началникот С.Т. од Одделот за обезбедување. Од тие моменти од одговорот што го доловил и пред нередите, интересот на Л. бил околу бројот на силите во внатрешно обезбедување, вратите, а во еден наврат бил известен од С. дека му пратиле дополнителни сили за внатрешно обезбедување, но не знае од каде. Во таа насока од Ѓ. кој се движел низ просторијата, им било кажано дека донеле и други цивили полицајци и од друго место цивили за внатрешно обезбедување и дека првично некоја стаклена врата што била скршена во Собранието која не била врата што била од значење за безбедноста на пратениците, односно информациите биле како да ситуацијата е тензична, но е под контрола и како да имало два прстена, надворешен и внатрешен и да биде првиот пробиен, вториот на вратите имало луѓе и ќе биле запрени, но дека одеднаш ситуацијата ескалирала, а тоа го разбрал откако дошол Министерот. Поминало уште некое време, некаде околу 20:00 часот во штабот дошол и Директорот Митко Чавков, не знае дали се поздравиле со Министерот, но муабетот им бил тензичен, малку на повисок тон. Бил веќе полн штабот, дошле сите колеги, тогашни старешини, членови на штабот и оперативни тимови и тие што биле четириесеттина празни столчиња на елипсовидна маса биле полни. Сведокот бил таму, дошол и неговиот секторски началник Д.П., на него во кратки црти му кажал што се случило со особен акцент на сообраќајот, токму со зборовите „Фала богу, ние во нашиот дел немавме проблеми“ и бидејќи била полна просторијата тој влегол внатре, а сведокот излегол надвор и му рекол дека доколку нешто треба ќе го повика, но не го повикал туку го повикале после кога го читале записникот. После читањето на записникот повторно се повлекол надвор, таму низ ходникот и останал до 04:30 на 28-ми. Наведе дека тоа бил неговиот работен ден можеби најлош во неговите 26 години работен стаж. Не знае дали еден од телефонските разговори или комуникација на Началникот Д.Л. бил со тогашниот златен командир Митко Чавков. Истакна дека може да се согласи со тоа дека дел од полицијата на 27.04.2017 година не била на своите работни задачи во целост, но не целата полиција, дел од полицијата.

Сведокот во својот исказ даде осврт кој бил присутен во Оперативниот штаб на 27.04.2017 година и што се случувало во штабот за време на настаните. Истиот потврди дека во овие простории дошол и тогашниот министер за внатрешни работи А.Н. кој кажал дека не му се јавува на телефон обвинетиот Митко Чавков. Воедно од неговиот исказ произлезе дека обвинетиот Д.Л. околу 18:20 часот ја добил информацијата по радио врска објавена од Началникот С.З. кој раководел со силите пред Собранието за надворешно обезбедување дека граѓаните ги нишале оградите со намера да ги пробијат и да се упатат кон Собранието, а за тоа време обвинетиот Д.Л. интензивно зборувал на телефон и се информирал за ситуацијата на терен, но очигледно ништо друго не превземал. Од исказот и на овој сведок јасно произлезе дека полицијата на 27.04.2017 година не била на висината на своите работни задачи во целост.

Сведокот Т.А. појасни дека е вработен во МВР на РМ, од 2015 година е на работно место началник на Единица за јавен ред и мир и превенција во Сектор за полициски работи од општа надлежност во Оддел за униформирана полиција при БЈБ. Наведе дека од 2015 година па наваму, учествувал во неколку оперативни акции воспоставени на централно ниво. Во 2016 година била Оперативната акција под псевдоним „Облак“, 2017 година Оперативна акција под псевдоним „Платформа“, истата година Оперативна акција под псевдоним „Супер куп“, потоа Оперативна акција „Избори 2017-та“ и Оперативна акција „Референдум 2018-та“. Појасни дека Оперативната акција „Платформа“ била воспоставена на почетокот на март 2017 година, а претходеле јавни собири кои што почнале во С. пред Собрание и пред Влада, мисли дека било 24-ти или 25-ти февруари, на наведените јавни собири, организатори биле граѓански иницијативи и здруженија кои што под мотото „За заедничка М.“, преку социјални мрежи ги повикувале граѓаните на јавни собири и бидејќи на почетокот на јавните собири имало физички напади на новинари, биле оштетени и штабови на политички партии, а веќе имале сознанија дека јавните собири ќе се прошират и во останатите градови надвор од С., била воспоставена оперативната акација. Во конкретната Оперативна акција, тој како вработен во Секторот за полициски работи од општа надлежност, учествувал во изработка на потребните акции за воспоставување на Оперативната акција, па се до нејзиното затварање. Во неговиот сектор биле изготвени предлогот за воспоставување, планот за мерки и активности, планот за процена и управување со ризик, телеграма со насоки, за насоки за постапување на сите организациски единици во рамки на БЈБ, како и организациски единици во состав на Бирото како што е Управата за безбедност и контраразузнавање, Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди и мисли и Одделот за односи со јавност и стратешки прашања. Појасни дека согласно планот за мерки и активности како надлежни организациски единици за спроведување на оперативната акција биле определени Одделот за униформирана полиција и Централните полициски служби, а како раководители на наведените организациски единици биле наведени Помошник директорот во Одделот за униформирана полиција и началникот на Централните полициски служби. Во планот за мерки и активности биле предвидени Раководител на Оперативен штаб и членови на Оперативен штаб, биле опредлени членови на Оперативен тим како помошно тело на Оперативниот штаб, бил уреден ланецот на командување а тоа се златна, сребрена и бронзена команда и биле дадени задолженија првично за Секторите за внатрешни работи и организациските единици во рамките на Централните полициски служби, тоа се Одделот за специјални полициски операции и Одделот за заштита на определени личности и објекти. Наведе дека тие добиле задачи да изготват планови за мерки и активности во рамките на нивните организациони единици чија што примарна цел е организирано справување со јавните собири кои што се случувале тогаш на подрачјето на цела држава, превземање на мерки за одржување на

поволен јавен ред и мир на подрачјата каде што се одржувале јавните собири. Дополнително СВР С., Одделот за специјални полициски операции и Одделот за заштита на определени личности и објекти, имале обврска да изготват план за мерки и активности кои што треба да ги превземат во случај кога ќе се определи избор на Претседател на Собрание на РМ. Напоменува дека Оперативната акција била воспоставена на 3 март во која што Раководител на штабот бил Заменик директорот со 12 члена на Оперативниот штаб, а Раководител на златната команда бил исто така Заменик директорот на БЈБ. Биле определени осум сребрени команди во сите Сектори за внатрешни работи, а за бронзената команда била дадена насока, бронзената команда да ја определува началникот на СВР и тоа во зависност од станичното подрачје каде што се одржува јавниот собир. Не се сеќава точно, но мисли дека било 8-ми или 9-ти март кога била направена измена во составот на Оперативниот штаб и во составот на командувањето, при што во Оперативниот штаб, за раководител бил определен Директорот на БЈБ со двајца заменици раководители, едниот бил Помошник директорот на БЈБ, односно Заменик директорот на БЈБ, а вториот бил државниот советник во БЈБ и штабот бил дополнет со уште неколку члена и тоа со началникот на Централните полициски служби, со државен советник од кабинетот на министерот и помошник директор за човечки ресурси во БЈБ. Исто така била направена промена и во ланецот на командување, па така согласно таа измена, за златна команда бил определен Директорот на БЈБ, Заменикот директор и државниот советник биле определени за заменици на златната команда и било извршено дополнување на членови во сребрената команда, тоа значи дека покрај началниците на Секторите за внатрешни работи кои што останале неизменети, се надополнуваат со уште три члена, носител на сребрената команда началникот на Централните полициски служби дополнително, а помошникот директор во Одделот за униформирана полиција, помошникот директор на Криминалистичка полиција, во Одддлот за криминалистичка полиција и помошникот директор во одделот за Криминалистичко - разузнавачка анализа. Појасни дека тој согласно планот за мерки и активности, бил определен за член во Оперативниот тим кој го сочинувале вработени од Оддел за униформирана полиција, Оддел за криминалистичка полиција, Оддел за заштита на определени личности и објекти, Оддел за специјална полициска операција, Оддел за внатрешна контрола и професионални стандарди. Овој Оперативен тим бил замислен како помошно тело на Оперативниот штаб. Наведе дека во повеќе наврати кога Д.Л., кој бил член на Оперативниот штаб бидејќи откако била воспоставена акцијата, на секојдневна основа имало состаноци на членовите на Оперативниот штаб, а во повеќе наврати кога тој не бил во можност да учествува во работата на Оперативниот штаб, тогаш учествувал сведокот. Примарната задача во секојдевното работење била воспоставена комуникација со Одделенијата за полиција во Секторите за внатрешни работи кои што биле задолжени да прибираат сознанија за одржување на јавни собири на

подрачјето на Секторот, за добиените сознанија требало да ги известат во писмена форма и по телефон, при што секој ден изготвувале преглед за сознанијата за јавни собири на подрачје на цела држава, истиот преглед по електронски пат го доставувале до помошник директорот во Оддел за униформирана полиција и до Одделот за криминалистичко-разузнавачка анализа, а исто така секој ден изготвувале и порака и преку Вибер со истиот текст кој што бил доставуван по електронски пат преку лотус мрежата на министерството, значи исто така изготвувале порака и преку Вибер ја доставувале до помошник директорот во Одделот за униформирана полиција. Овие информации биле кратки, во кој град, во колку часот би се одржал јавен собир, сознанија за присуство на јавниот собир, потребни сили од СВР кој што треба да извршат вонредно обезбедување на јавниот собир и одговорни полициски службеници од Секторите кои што требало да бидат одговорни на јавните собири и кои што требале да информираат за почетокот, текот и завршувањето на јавните собири према нивниот Сектор. Во случаи кога бил ангажиран во Оперативен тим или Оперативен штаб и тоа од започнување на јавните собири, се следел почетокот на секој јавен собир, текот, се до негово завршување и во случај кога во Оперативниот штаб бил присутен помошникот директор во Одделот за униформирана полиција, нивниот раководител, тогаш тој изготвувал порака и преку Вибер ја доставувал до Раководителот на Оперативниот штаб, а кога не бил присутен помошникот директор, во тој случај во својство на член на Оперативен штаб, иста порака преку Вибер препраќал сведокот до помошникот директор во Одделот за униформирана полиција, за да истиот покасно ја препрати пораката до Раководителот на Оперативниот штаб. Наведе дека улогата на Оперативниот тим била да помогне во прибирањето на сознанијата, следењето на настаните на јавните собири на подрачјето на целата држава, бидејќи се случувало во еден ден да има од 30 до 40 јавни собири и не можел еден да ги прати и затоа било потребно повеќе да се вклучат и истите сознанија тогаш во улога на член на Оперативен тим веднаш биле доставувани на членот на Оперативниот штаб, со тоа што членовите на Оперативниот штаб и членовите на Оперативниот тим биле во иста просторија, што значи дека биле во иста сала, каде што во еден дел од просторијата седеле членовите на Оперативниот тим, а во друг дел седеле членовите на Оперативниот штаб, при што членовите на Оперативниот тим имале пред себе радио врски со цел да ја следат комуникацијата на сите Сектори за внатрешни работи и статички телефони доколку имаат потреба од јавување од секторите кон штабот. Наведе дека тоа бил начинот на комуникацијата од Секторите према штабот. Појасни дека во рамките на СВР биле формирани помошни штабови со кои раководеле началниците на СВР и во рамките на нивните помошни штабови имале потребен број на членови од различни организациски единици кои што биле одговорни за јавните собири на подрачјето на Секторот и кои што требале да известуваат за секое сознание, за се што се случувало на подрачјето на СВР. Доколку

определениот полициски службеник за информирање бил во просториите на помошниот, Оперативниот штаб, тогаш тој се јавувал на статичен телефон во Оперативниот штаб во БЈБ, каде што биле тие, доколку бил излезен на терен, во тој случај се јавувал на мобилен телефон и известувал за ситуацијата. Појасни дека улогата на управување, раководење и командување на поединци во рамките на отворена оперативна акција е уредена со две упатства во МВР, едното е Упатство за водење на криминалистички истраги и справување со криминални групи, во кое е наведено дека при воспоставување на оперативна акција се формира оперативен штаб, а другото е Упатство за воспоставување на организациски процедури во процесот на управување, команда и контрола и криминалистички истраги и полициски работи или Упатство за златна, сребрена и бронзена команда, во кое е определено дека за потребите на златниот командир се формира оперативна канцеларија со потребен број на советници. Наведе дека поконкретна дефиниција за улогата на Оперативниот штаб и за улогата на советниците во оперативната канцеларија во подзаконските акти нема, во пракса членовите на Оперативен штаб имаат советодавна улога, тие треба да прибираат сознанија важни за активностите во Оперативната акција од доменот за кој што се задолжени, треба сознанијата да ги пренесуваат према Раководителот на Оперативниот штаб и доколку добијат задача од Раководителот на Оперативниот штаб, треба истата да ја пренесат према организациските единици со кои што имаат линиска комуникација. Појасни дека член на оперативен штаб од Одделот за униформирана полиција е помошник директорот на Одделот за униформирана полиција, а бидејќи Одделот за униформирана полиција е најоптеретен со задачи и активности, покрај помошникот директор во Оперативниот штаб членови биле и началникот на Секторот за полициски работи од општа надлежност и началникот за Сектор за сообраќајни работи, значи тие требале да го информираат Раководителот на Оперативниот штаб за задачите кои што се добиени, во која фаза на извршување се и доколу има потреба од конкретна задача тогаш да пренесат према линиски поврзаните организациски единици, а тоа се Одделенијата за полиција во Секторите за внатрешни работи. Наведе дека член на оперативен штаб може да добие наредба од Раководителот на Оперативен штаб, да пренесе задача према организациска единица за која што е надлежен. Тој може само да ја пренесе наредбата. Член на оперативен штаб напомена дека не може да издава наредба самостојно без одобрение на Раководителот на Оперативниот штаб. Оперативниот штаб со последните измени броел 17 членови. Од воспоставувањето на Оперативната акција, првите денови биле присутни сите членови на Оперативниот штаб, тоа било во периодот обично кога се одржувале јавните собири, од 17-ти па до завршување. Како одминувало времето, така поедини членови праќале замени да ги менуваат, замени од иста организациска единица, а бидејќи било секојдневно одржувањето на јавните собири, секојдневно било присуството на голем број на членови на Оперативниот штаб. Колку што

се сеќава, кон крајот на месец март била донесена одлука да се намали бројот на членовите во Оперативниот штаб од 17 и да се сведе на 6 члена кои што задолжително морале да бидат присутни во Оперативниот штаб во време на одржување на јавните собири кога се состанува оперативниот штаб, што значи дека задолжително морало да има минимум двајца претставници од Оддел за унифрормирана полиција и тоа помошникот директор на Одделот за униформирана полиција, како и еден од двајцата началници на сектори, односно или од Сектор за сообраќајни работи или од Сектор за полициски работи од општа надлежност, член од Одделот за криминалистичка полиција, член од Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа, еден претставник од Централните полициски служби, заменик на началникот на ЦПС или помошник началникот на ЦПС, еден од Одделот за специјални полициски операции и еден член од Одделот за заштита на опредлени личности и објекти. Појасни дека сето ова било констатирано на записник кој што им бил доставен и кај нив во Одделот за униформирана полиција и биле усно запознати за истата одлука од помошник директорот на Одделот за унифрмирана полиција. Појасни дека кога бил во улога на член на оперативен штаб, комуникацијата ја имал исклучиво со Одделенијата за полиција во Секторите за внатрешни работи или со началникот на Одделението за полиција или со определен полициски службеник од Одделението за полиција. Истакна дека тој не знае дали началникот на Централните полициски служби имал друго решение, меѓутоа знае дека во Планот за мерки и активности кој што бил одобрен од Министерот за внатрешни работи и од Директорот на БЈБ, Началникот на Централните полициски служби со име и презиме бил член на оперативен штаб и бил назначен за сребрена команда, носител на сребрена команда. Воедно сведокот наведе дека членот на Оперативниот штаб доколку добие наредба, во конкретниот случај од Министерот за внатрешни работи, во тој случај, членот на Оперативниот штаб е должен наредбата да ја пренесе на Раководителот на Оперативниот штаб, тој не може да дава команди на други во ланецот на командувањето, тој може само да ја пренесе наредбата на Раководителот на Оперативниот штаб. Појасни дека на 27 април не бил на работа бидејќи од 24.04 2017 година користел денови од годишен одмор, бил повикан во 21:30 часот, по што на работа дошол околу 22:00 часот. Што се случувало пред 21:00 часот во Оперативниот штаб воопшто не знае и не му е познато, бидејќи не бил присутен. Наведе дека СВР, согласно сознанијата со кои располагаат, самостојно ги планираат ресурсите за спроведување на полициските активности поврзани со јавниот собир. Доколку има сознанија дека не е во можност сам да се справи со јавниот собир, тогаш побарува дополнителни сили преку нивниот оддел и преку Одделот за специјални полициски операции, кои што понатаму се одобруваат од Раководителот на Оперативниот штаб и доколку Оперативниот штаб има било какво сознание со кое во моментот не располага, негова должност е да се пренесе на оној на кого се однесува, односно на надлежниот Сектор за внатрешни работи. Појасни

дека најпрво кој што може да им пружи поддршка на полициските службеници кои што се непосредно ангажирани пред Собранието и веќе кога беа влезени во Собранието, приоритетно можат да им помогнат полициски службеници од СВР С., од причина што тие најбргу можат да дојдат на местото каде што треба да помогнат. Втори кои што би требало да дојдат, се од Одделот за специјални полициски операции бидејќи тие согласно нивната поставеност мора да имаат предвидено потребен број на сили за самиот јавен собир кои што се таму во Собранието, да имаат предвидено сили во резерва и најбргу да почнат со повикување од дома бидејќи имаат поефикасен начин на мобилизирање од дома. Припадници од други Сектори за внатрешни, тоа се редовни полициски службеници во полициски станици, за да дојдат на помош и да помогнат во ваква ненајавена ситуација потребни се повеќе од 2 до 3 часа и затоа е логично на припомош да им дојдат полицајци од СВР С. и полицајци од ОСПО. Појасни дека при вакви околности не треба наредба од златниот командир од причина што началникот на СВР С. има овластувања веднаш да ги повика полицајците од тоа СВР и тоа ги повикува како тие што се во моментот на работа така и тие што се дома, а тој може да ги повика бидејќи тоа е во негова надлежност, додека припадниците на ОСПО, се повикуваат со наредба на Раководителот на Оперативниот штаб. Како член на Оперативниот штаб, тој смета дека со оглед на тоа што се случи на 27 април, фактот дека се прескокнати оградите и е влезено во Собрание, укажува на тоа дека задачата не била извршена.

Сведокот во својот исказ зборува за воспоставувањето на Оперативната акција „Платформа“, за Оперативниот штаб и членови на Оперативен штаб, како и за Оперативниот тим. Меѓутоа мора да се нагласи дека овој сведок од 24.04.2017 година користел годишен одмор, а на 27.04.2017 година истиот бил повикан на работа во вечерните часови, а поточно во 21:30 часот, по што на работа дошол околу 22:00 часот, така да што се случувало пред 21:00 часот во Оперативниот штаб воопшто не знае и не му е познато, бидејќи не бил присутен. Воедно истиот наведе дека во ситуација како што беше на 27.04.2017 година први кои требале да им помогнат на полициските службеници кои биле пред и во Собранието биле полициски службеници од СВР С. и од Одделот за специјални полициски операции. Воедно истиот истакна дека Одделот за специјални полициски операции морал да има сили во прправност. Сепак и овој сведок нагласи дека фактот дека се прескокнати оградите и е влезено во Собрание, укажува на тоа дека задачата не била извршена од страна на полицијата.

Судот нема да се осврнува на писмените докази предложени од обвинетиот Д.Л. со исклучок на Телеграма за постапување по ОА „Платформа“ И.бр. 22.2-23 од 03.03.2017 година, од причина што се работи за идентични докази со дел од доказите предложени од страна на обвинетиот Митко Чавков, а судот веќе се осврна на истите и воопшто нема потреба да се повторува анализата на истите докази.

Министерот за внатрешни работи А.Н. до Началникот на Централни полициски служби, Помошник директор во Оддел за униформирана полиција, Помошник директор во Оддел за кривиминалистичка полиција, Помошник директор во Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа, началниците на сите Сектори за внатрешни работи и Началник на Сектор за известување и координација на состојби доставил Телеграма за постапување по ОА „Платформа“ И.бр. 22.2-23 од 03.03.2017 година. Видно од истата заради интензивирање на мерките и активностите, а во насока на проактивно постапување и намалување на можностите за нарушување на ЈРМ преку координирано и планско дејствување изготвен бил План за мерки и активности за спроведување на ОА „Платформа“. Во оваа телеграма точно е наведено што се е потребно да се превземе, а тоа е содржано во 15 точки.

Предложените докази од страна на обвинетиот Д.Л. се декласифицирани со Решенија на МВР, а станува збор за Решение за декласификација бр.22.6.1.1-106836/1 од 19.12.2018 година со кое се врши декласификација односно промена од класифициран акт со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ изготвен од страна на МВР во акт „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ единствено за потребите на Основниот суд С. 1 С.-Одделение за организиран криминал и корупција и судската постапка по оформен предмет КОК.бр.40/18, потоа со Решение за декласификација бр.22.6.1.1-106837/1 од 19.12.2018 година со кое се врши декласификација односно промена од класифициран акт со степен „ДОВЕРЛИВО“ изготвен од страна на МВР во акт „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ единствено за потребите на Основниот суд С. 1 С.-Одделение за организиран криминал и коурпција и судската постапка по оформен предмет КОК.бр.40/18 и со Решение за декласификација бр.22.6.1.1-106838/1 од 19.12.2018 година со кое се врши декласификација односно промена од класифициран акт со степен „ИНТЕРНО“ изготвен од страна на МВР во акт „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ единствено за потребите на Основниот суд С. 1 С.-Одделение за организиран криминал и корупција и судската постапка по оформен предмет КОК.бр.40/18,

Во текот на постапката беа изведени и доказите на обвинетиот Горан Ѓошевски Леви, па така беа сослушани предложените сведоци, а воедно беа прочитани и материјални докази.

Сведокот М.И.Н. во својот исказ наведе дека на 27 април 2017 година била на работа, на работно место Раководител на Сектор за информатички и комуникациски технологии и нејзината канцеларија се наоѓа на вториот кат и дека го познава Горан Ѓошевски. Наведе дека за 27.04.2017 година може да каже што се случувало тој ден со нив, шест колеги кои биле во техничката соба наречена „Режија“ која се наоѓала до салата број 3, односно до Прес центарот. Имено, тие таму биле некаде затворени околу

2 часа бидејќи во просторијата немало прозори не се чувствувале пријатно, немале ни вода, не можеле да излезат бидејќи вратата им била блокирана однадвор и некаде пред 20,00 часот дошле колегите од обезбедувањето, а поточно Горан со уште двајца колеги и успеале да ги извлечат и здрави стигнале дома. Појасни дека биле затворени бидејќи пред режијата не можеле ништо да видат, но гледале преку телевизија што се случувало во соседната сала и тие не можеле да излезат бидејќи вратата била блокирана. Горан со колегите ги извлекол од таа просторија така што мисли дека прво чукнал на вратата, им кажал дека е тој, тогаш тие ја отвориле вратата и потоа Горан морал да ги одбрани од другите луѓе кои најверојатно мислеле дека се многу важни или пратеници, не може да го објасни тоа и не дозволувале да излезет, но Горан им рекол дека се служба и дека треба да си одат дома, дека треба да ги пуштат да си отидат.

Сведокот во својот исказ не појасни ништо околу настаните кои се случија во Собранието на ден 27.04.2017 година бидејќи била затворена во техничката соба наречена „Режија“. Единствено што појасни дека обвинетиот Горан Ѓошевски им помогнал да излезат од собата.

Сведокот Т.Д. во својот исказ наведе дека на 27 април работел како ескортен возач кај Претседателот на Собранието, кое одделение спаѓа под МВР. Претпоставен во тој период му бил Началникот Горан Ѓошевски, а Началник на Секторот во управата бил Т.С. . Наведе дека на 27 април тие си биле во Собрание, дека остануваат до завршување на седницата, а пред да си замине Претседавачот на Собранието Т.В. чекаат во службена просторија за понатамошна инструкција дали остануваат во Собранието или ќе се повлечат во управата, па така останале тие доле во просторијата со колегата С.И. бидејќи никој не им се јавил дали ќе останат или не. Неговиот колега С. му се јавил на колегата М.М., при што им рекол да останат доле и да чекаат понатамошна инструкција. Не знае после кој период на колегата С. му се јавиле повторно и им рекле да бидат доле кај возилата и да бидат спремни, ако затреба нешто ќе ги побараат. По извесно време, не знае колку време се јавиле и им рекле да се качат горе кај Претседавачот Т.В. при што таму Началникот Горан Ѓошевски им дал инструкции да бидат поставени пред просториите на кабинетот. Тие застанале, кога се качиле имало таму веќе луѓе кои се движеле по ходниците и тие застанале пред кабинетот и го обезбедувале кабинетот и канцелариите кои спаѓале со него заедно, тоа почнувало од кабинетот на претседавачот до последната канцеларија на Горан Ѓошевски. Се движеле луѓе, тие стоеле пред вратите, во еден момент почнале да доаѓаат колеги во униформа, почнале полека да ја поттиснуваат масата, да расчистуваат, да го расчистуваат ходникот пред Претседавачот и во еден момент ја затвориле една железна врата која што доаѓала пред

кабинетот. Таму се собрала голема маса на луѓе, нив ги повлекле да бидат точно пред влезната врата на Претседателот, тие застанале од внатрешна страна на вратите каде што била секретарката, поставиле неколку бироа за да не можат да ја отворат бидејќи таму била сконцентрирана целата маса, а вратите за натаму биле затворени, железната веќе била затворена. Пробувале во неколку наврати да ја бутнат вратата, но не можеле бидејќи од внатрешна страна биле тие, тој, Началникот и М.М. . Појасни дека има уште една врата која води до кабинетот, таа е во „Дуборез" салата како што ја нарече, таа врата била заклучена, но од внатрешна страна не била обезбедена. Виделе дека масата се пренасочила на таа страна, почнале вратата да ја туркаат од таму за да можат да ја отворат и во тој момент тие се префрлиле на спротивната страна за да можат да ја задржат вратата. Со поголем притисок вратата им ја пробиле и влегле во салата „Дуборез" точно каде што водела вратата на Претседателот на Собранието. Почнале да ги буткаат, да се туркаат со нив, тие полека се повлекувале накај вратата што водела накај Претседателот и во тој момент, во таа цела гужва како што ги туркале натаму наеднаш Началникот Горан Ѓошевски се онесвестил и паднал, па тие во тој момент побарале од униформата да им помогнат бидејќи не можеле да ги потиснат за да се повлечат назад. Им испратиле тогаш колеги во униформа шарена од ЕБР при што им помогнале, воспоставиле ред во самата сала, полека ги потиснале луѓето да излезат надвор према холот, а додека сето тоа траело, тие побарале помош од лекарската екипа за да му укажат интервенција на Горан Ѓошевски бидејќи бил паднат доле. Дошол медицински персонал, го освестиле, го кренале полека и го внеле во кабинетот на Претседателот Т.В. . Нивна задача била да го обезбедат кабинетот и да не дозволат на една од вратите да влезат бидејќи тие биле поврзани и канцелариите меѓусебно биле поврзани и лесно можело да дојде масата, фактички да дојде позади железната врата која била како тампон зона да не влегуваат, за да не можат да влегуваат луѓето од другата страна. После некое време откако се средила ситуацијата и колегите од униформата ја превземале контролата, се расчистила гужвата во Собранието во внатрешниот дел и откако се створиле услови, истиот бил изнесен од Собрание и однесен дома од нив. Наведе дека не знае точно во колку часот се извршила евакуација на Т.В., но било некаде околу 23:00 часот. Појасни дека во моментот кога се качиле горе имало луѓе, но тие си биле стационирани доле во просторијата која што е наменета за обезбедувањето на Претседателот.

Исказот на сведокот е пристрасен и спротивен на останатите изведени докази, а пред се снимките кои беа изведени како доказ и од кои јасно се виде однесувањето на обвинетиот Горан Ѓошевски во Собранието за време на настаните од 27.04.2017 година. Ваквиот исказ е даден со

единствена цел да му се помогне на обвинетиот Горан Ѓошевски, заради што судот не поклони верба на исказот на овој сведок.

Сведокот И.С. во својот исказ наведе дека во МВР работи од јули 1996 година, а во моментот е Главен оперативен работник во Одделението за лично обезбедување на Претседателот на Собранието, на кое работно место бил и на 27 април 2017 година, но тогаш работел како претходница, а во моментот како возач на возило. Во тој период хиерархиски непосреден претпоставен му бил Горан Ѓошевски, со кого имал одлична комуникација, односно редовна комуникација како старешина. Наведе дека на 27 април бил во Собранието на редовна работа. Поголемиот дел од настаните можел да ги види од телевизија, со оглед да тој со колегата Т. и М. биле во нивната просторија за одмор која што се наоѓала непосредно до влезот на гаражата во Собранието и некаде околу 15:00 часот Началникот Горан дошол како на краток брифинг и им кажал да останат до завршување на седницата, а за понатаму што да прават ќе бидат дополнително известени. Тие цело време практично биле во просторијата за одмор и сите инструкции и задачи што требало да ги добијат ги чекале таму. Наведе дека после извесен период по завршување на седницата се слушнал со М. бидејќи тој бил најстар колега од нив, да прашаат што да прават понатаму. М. му одговорил да чекаат во собата каде што одмараат за да ако има потреба да се качат во кабинетот на Претседателот на Собранието, ако има потреба да се превземат некои мерки. По извесно време М. се симнал и му дал клуч од возилото на Претседавачот и му рекол да го дислоцираат од паркингот позади, а на колегата Трајанчо му рекол да го спреми едното нивно возило ако се јави потреба за некаква евакуација и после тоа да се качат горе во кабинетот, односно пред кабинетот на Претседателот. Откако го препаркирал возилото на Претседавачот, по железните скали кои што се наоѓале некаде во близина на кујната во внатрешниот дел од Собранието, се качил по скалите и влегол на спратот каде што е кабинетот, затекнал една ситуација каде што била вратата искршена, имало цивили и имало полицајци во униформа. После тоа влегол во холот каде што биле канцелариите на дел од кабинетот на Претседателот, имало повеќе канцеларии каде што членовите на кабинетот на Претседателот работаат и таму биле М., Горан и Т. . Горан им дал задача да ги чуваат канцелариите, односно целиот потег на кабинетот на Претседателот од евентуално влегување на цивили, а тоа биле повеќе канцеларии вклучително и кабинетот на Претседателот кој што има четири простории. После извесно време, кога полицајците во униформа решиле да ја забарикадираат железната врата која што се наоѓала веднаш до влезот на кабинетот на Претседателот, односно канцеларијата на секретарките, тие се повлекле точно пред кабинетот, а полицајците ја затвориле железната врата, решетката, ја врзале со лисици и поставиле пластични барикади на неа за да не можат демонстрантите да влезат во тој дел од

Собранието, практично тоа бил ходникот кој што води према Прес салата и таму од Горан добиле наредба да не пуштаат никој во кабинетот, односно да се трудат да не пуштаат никој. Тој и уште еден колега од внатрешното обезбедување на Собранието застанале пред вратата на секретарките и не дозволувале некој од масата да влезе во канцелариите, а Т. влегол внатре со М. и со Горан во кабинетот. Во тој момент масата била прилично агресивна заради што некои од неговите колеги фрлиле шок бомба и масата кога се повлекла, се повлекла према средината на холот. После тоа пробале да влезат во салата на „Длаборез“, наведе дека тоа е дел од кабинетот на Претседателот, тој од надвор, а М., Т. и Началникот Горан пробале да ја задржат масата да не влезе во салата бидејќи во кабинетот се наоѓале некои од пратениците, Претседавачот и вработени во кабинетот на Претседателот, тоа било едната причина, а другата причина била многу битна зошто не дозволувале да се влезе во кабинетот. Имено од канцеларијата на секретарките постоела врата до една следна канцеларија од која што кога ќе се излезе се доаѓало зад грб на полицајците, па со тоа практично ја спречиле масата да ја заобиколи барикадата на полицајците да им дојдат зад грб, а со тоа да се упати кон Прес салата. Наведе дека по насилното туркање на вратата на „Длаборез“, успеале да го турнат и него и вратата бидејќи се работело за поголема група на луѓе, односно него, вратата и Началникот. М. и Т. ги турнале внатре и влегле, продреле, но колеги од униформа дошле и заедно со нив успеале да ги истераат од салата „Длаборез“ и во тој момент на Началникот Горан му се слошило и паднал. Појасни дека во моментот кога масата ги турнала, односно имало борба на самата врата, при што масата била прилично насилна, агресивна и тие сите добиле по некој удар таму и Горан исто така, па веројатно од ударот на Горан му се слошило. Повикале екипа на Брза помош и тие пробале да го освестат, го освестиле, го кренале и го внеле во кабинетот на Претседателот, односно соседната просторија од „Длаборез“. Во моментот кога Горан го седнале на една од фотелјите, на другата фотелја имало виндјакна во која што имало телефон и тој заѕвонел, а тоа била јакната на Горан, заради што тој го извадил телефонот од виндјакната и му го дал на Горан. Горан на телефонот обавил два разговори, едниот разговор, односно не знае со кого разговарал, во едниот разговор рекол „ако сте колеги, легитимирајте се и појдете на пријавница“, а вториот разговор, после по разговорот дознал дека зборувал со колешката која што била на „Пријавница“,таа му ѕвонела, односно Горан вртел на броевите кои што му ѕвонеле и во вториот разговор го слушнал дека рекол „Ако се колеги, нека се легитимираат и постапи си како што си е правилото“, бидејќи собраниското обезбедување си има своја процедура на работа. По извесно време, откако масата била поттисната од Собранието, се пристапило кон евакуација во Собранието, во која што евакуација Претседавачот Т. В. го изнеле на задната врата од гаражата и со возило го однеле дома, односно колеги го однеле дома.

Сведокот во својот исказ зборува за настан кој се случил во холот „Длаборез“, но тој воопшто не зборува за однесувањето на обвинетиот Горан Ѓошевски во ходникот пред Прес салата и за неговото однесување за време на настаните во Собранието. Овој сведок го кажува само она што смета дека ќе му помогне на обвинетиот. Тука судот мора да нагласи дека овој сведок меѓу останатото тој го споменува и телефонскиот разговор со некое лице и со колешка која била на „Пријавница“, а од изведените докази јасно произлезе дека тоа се С.М. и А.Б.К. .

Сведокот Т.В. во својот исказ наведе дека Горан Ѓошевски го познава од 2008 година, месец јуни кога првпат станал Претседател на Собрание, а Ѓошевски бил лично обезбедување на Претседателот на Собрание и од тогаш интензивно бил негово лично обезбедување девет и пол години. Откако му кажале дека е долгогодишен вработен во МВР, дека бил и во обезбедувањето на покојниот Претседател на државата, господинот Б.Т., јасно му било дека е човек професионалец, дека во тој дел тој како Претседател на Собрание мислел дека нема да има никакви грижи и дека она што е во делот на обезбедувањето ќе го превзема комплетно професионално, при што наведе дека тој е презадоволен од неговата работа затоа што бил најпрофесионален, семеен човек, се грижел буквално за се, а имал и добра соработка со неговите колеги пратеници, па доколку имало потреба се грижел и за нив како припадник на МВР. Го појасни начинот на неговата комуникација со Ѓошевски и наведе дека кога ќе имало некогаш потреба, затоа што тој претседавал со седницата нон-стоп од 11:00 до 18:00, комуницирале преку пораки, во зависност работите што требало да се завршат, доколку имало потреба од тоа. Што се однесува на конкретниот ден на 27-ми април, првата комуникација ја имале утрото и тоа кога требало да се заврши некоја работа кај сведокот дома и после некое време околу 11:30 до 12:00 часот, Ѓошевски му јавил и му кажал дека е во ред, дека работата е завршена, а наредната комуникација била дури попладнето. Појасни дека околу 17:00,17:20 часот како Претседавач со седницата на Собрание, дал кратка пауза која што се одржала во најблиската сала која ја викаат „Сала на Влада“ каде што ги повикал претставниците на политичките партии на пратеничките групи за да се договорат за писмото што било испратено од 31 пратеник од СДСМ и коалицијата и кое што било поделено на сите пратеници, во кое писмо барале од него како Претседавач да работат и утредента на 28.04. и да продолжат со седницата. Тој не сакал сам да одлучи, не сакал тоа да биде еднострана негова одлука и затоа ги повикал на краток состанок за да се договорат во врска писмото и барањето во него, односно дали се согласуваат претставниците на политичките партии, утредента на 28, да се работи. Сите едногласно се согласиле да работаат наредниот ден, се согласиле седницата како што работи до 18:00, да се прекине, да заврши и да продолжи на 28.04. Појасни дека писмото било архивирано во Собранието и било поделено до сите пратеници. По завршувањето на кратката координација, продолжил со водењето на седницата и почнале нормално кај што завршиле, а тоа може да се види од стенографските

забелешки кои што се достапни на сајтот на Собранието, продолжиле со реплики, колку што се сеќава, контра реплики на говорот на Пратеникот П.М. . Ситуацијата тој ден за цело време била напната. После репликите и контра репликите, пратениците почнале да бараат „процедурално“. Согласно Деловникот, мисли дека е чл.78 кој што децидно кажува „Координатор или заменик координатор или пратеник кој не е член во пратеничката група, штом побара „процедурално“ тоа веднаш му се овозможува, а колку што се сеќава имало процедурални барања и од пратеник од СДСМ, па на неговото процедурално, почнале процедурални за дообјаснување и од пратениците од ВМРО ДПМНЕ. Не се сеќава кој бил првиот што побарал, можно е да бил И.Д., вториот или трет не знае сигурно процедурално побарал Крсто Мукоски. Тој имал процедурална забелешка и во таа процедурална забелешка почнал да ја пее македонската химна, па во таква напната атмосфера, со пеењето на химната придонел да се вжешти атмосферата. На сведокот како Претседавач, во такви услови му било битно што побргу да се стиша работата и да заврши седницата до 18:00 часот, пред да има евентуално нешто или пред евентуално уште повеќе се вжешти и да дојде до некои ситуации кои што не се прикладни за едно Собрание. После околу десетина минути, повторно имало процедурални барања, повторно почнале да се пријавуваат, не е сигурен дали тоа бил А.М., а после него процедурално земал и В.Ѓ., последен кој што земал процедурално бил З.И. како заменик координатор. Појасни дека околу 10 минути пред 18,00 часот, видел дека е многу зовриена состојбата во Собранието, а тоа го почувствувал бидејќи има долгогодишно искуство, на тоа упатувала состојбата внатре во салата кога сеуште имало пратеници, а вообичаено пратениците околу 17,00 часот ја напуштале седницата и си заминувале и воглавном кога завршувала седницата внатре биле присутни половина од пратениците. Исто така на „Галерија“ имало голем број на новинари, сето ова давало некое претчувство дека ситуацијата е зовриена, дека може да има некои одредени искрења на самата седница во салата, појасни дека тоа не би било прв пат и претходно се случувале такви работи. Токму поради ваквиот амбиент внатре во салата и чувството дека состојбата е напната, тој комуницирал со Ѓошевски, а комуницирал со него бидејќи тој е негово лично обезбедување, а појаснува дека има началник на внатрешно обезбедување и началник на надворешно обезбедување и сите тие се од МВР. Појасни дека тој како Претседател на Собрание секогаш комуницирал со Горан Ѓошевски како негово лично обезбедување, па така и во тој момент му испратил порака Ѓошевски да им пренесе на внатрешното обезбедување да ако евентуално има одредени искри, тогаш тие да влезат во салата за да можат да ја смират ситуацијата. Појасни дека вакви ситуации имало и претходно, се случувале многу непожелни работи, имало дури и тепачки помеѓу пратениците, па во такви околности има потреба од реакција на внатрешното обезбедување, а се со цел да ја смират ситуацијата и да ги раздвојат пратениците. Кога ја пратил пораката, сведокот не знаел дека

Ѓошевски не е тука, не знаел дека тој не бил на работа во тој момент, а доколку знаел, во тој случај ќе му ја прател пораката на заменикот на Горан, а тоа е лице по име Д. . Нагласи дека последен кој што земал процедурално, бил пратеникот З.И., не зборувал од место, туку дошол на говорница, зборувал на албански јазик и почнал да ја пее албанската химна, а во тој момент преведувачите не им преведувале, ова траело многу кратко, 20 или 25 секунди. Појасни дека кога пратеникот зборува на говорница, во тој случај претседателот или претседавачот нема можност да го исклучи, бидејќи таков е системот, а доколку говори од место во тој случај со притискање на копче кое се наоѓа на пултот, пратеникот може да се исклучи. Таа била причината што тој како Претседавач не можел да го исклучи пратеникот З., а и не го разбирал што зборува од причина што немало превод, а сето ова се случило за кратко време. Напоменува дека иако има долгогодишно искуство, не знае и не може да знае што ќе каже пратеникот одкако ќе добие збор. Наведе дека кога З. прекинал било 18:00 часот и тогаш сведокот ја прекинал седницата и кажал дека продолжуваат со работа наредниот ден и тоа онака како што претходно се договориле, односно седницата требало да продожи на 28.04 во 11:00 часот. Во моментот на прекинот, не само тој ден, туку појаснува дека тоа е секогаш така, лицата кои што водат стенографски белешки ја напуштаат седницата, односно салата, па тоа го направиле и тогаш, исто така од режија ги исклучуваат системите и компјутерите во однос на давање на збор, по однос на гласање, а тоа го направиле и тој ден, па така собранискиот канал прекинува со емитување. Бидејќи ја прекинал седницата, системите биле исклучени, лицата што ги водат стенографските белешки си заминале од салата, а тој како претседавач очекувал дека тоа ќе го направат и пратениците, очекувал дека и тие ќе ја напуштат салата. Кога видел дека не ја напуштаат салата, дека сите пратеници биле на своите места, односно стоеле, а пратеници од ВМРО и од коалицијата стоеле пред пултот, застанале, тој останал во салата уште околу 10 минути, за да им даде знак дека треба да ја напуштат салата и тоа им го кажал, но никој од нив не си заминал од салата. После 10 минути си помислил дека можеби неговото присуство во салата ги потикнува да останат внатре, па поради тоа околу 18,10 часот или нешто после тоа, тој ја напуштил салата, го напуштил претседавачкото место и по скалите се качил во кабинетот. Појасни дека Горан не го видел ни по скалите, ни пред кабинетот и му пратил порака со содржина, „дали си тука, да дојдиш кај мене“. По ова Горан дошол кај него, сведокот му кажал дека доле во салата не е баш мирно како што обично било, го прашал дали им пренел на внатрешното обезбедување да водат сметка да не дојде до некакво кошкање или некаков инцидент, за да бидат подготвени да интервенираат. Исто така му кажал на Горан како лице од неговото лично обезбедување, посебно што бил тука во зградата, да се грижи за кабинетот и за вработените тука за евентуално ако дојдат пратеници, да не им дозволи лесно дапридат. Појасни дека ова го побарал од Горан од причина што во 2010 година кога се носел Законот за стечај, после

гласањето и неизгласувањето на Законот за стечај, имало инцидент на службениот влез во кој што учествувале пратениците од тогашната опозиција и од внатрешно обезбедување и од припадници од МВР. Имено тогаш група пратеници побарала да влезе кај него, па отакако им било дозволено, влегле и започнале со расправии, обраќање на висок тон, недолично се однесувале, па поради ова непријатно искуство помислил дека е можно повторно пратеници да побараат да дојдат кај него во кабинет и да направат нешто слично. Тоа е причината поради која така му кажал на Горан, а по ова Горан го напуштил кабинетот и после се случиле немилите настани во Собрание, од кои тој како Претседавач бил фрапиран од тоа што се случува. Појасни дека најголемите случувања биле тука пред кабинетот, поточно во холот пред кабинетот, тука имало на секои 2-3 минути шок бомби, имало лупање, треskaње од вратата, некои од демонстрантите сакале да влезат, имало и „борба“ пред вратите на кабинетот. Тука имало присутни од полиција, од личното и внатрешно обезбедување, а по некое време Горан влегол внатре и му кажал дека нема да можат да ги задржат демонстраните. Во тоа време во кабинетот биле сите вработени, а имало и пратеници кои тука нашле засолниште по фрлањето на шок бомбите. Кога Горан му кажал дека нема да можат да ги задржат демонстрантите и дека не можат да го спречат нивното влегување во кабинетот, сведокот излегол надвор и ги прашал зошто го прават ова кога ете тие се сите тука. Во тој момент Горан паднал, изгубил воздух, веднаш го внеле внатре во кабинетот, Горан не бил при свест, зради што повикале брза помош која била тука, му дале некави апчиња за да дојде при свест. Демонстрантите, дел од нив што влегле во кабинетот зборувале на висок тон, викале, а пратениците се обидувале да ги смират велејќи им дека нема потреба од такво однесување, дека тоа не е добро, но тие продолжиле со викање, а после 15-20 минути го напуштиле тој дел и веќе се разотишле и се расчистувала ситуацијата во Собранието. Горан го прашал сведокот дали сака да биде дислоциран во просторија која е строго наменски за такви случаеви, тоа го прашал уште на почетокот на настаните, на тоа сведокот одговорил дека нема потреба, дека ќе биде тука заедно со вработените, а го прашал и кога почнале да ги евакуираат пратениците дали ќе сака и тој да биде евакуиран, на што одговорил дека тој ќе остане последен, ќе остане се додека не се расчисти, додека сите не бидат евакуирани, тој нема да си оди. Така и направил, заедно на крај со вработените и со пратеници биле евакуирани, тие биле последни што останале во зградата во Собранието. Воедно сведокот го опиша кабинетот и наведе дека прво е делот- собата, потоа е салата, а тука е и „Длаборез“, а после салата се наоѓа работниот дел на Претседателот на Собранието. Појасни дека од просторијата на секретарката се поминува преку голема сала „Длаборез“, а од таму се оди во работниот дел. Наведе дека тој секогаш од Горан кој бил негово лично обезбедување, барал да ги врши само работите од негова надлежност како лично обезбедување и ништо повеќе од тоа. Појасни дека треба да се води сметка дека има Началник за лично обезбедување, Началник за внатрешно обезбедување и

Началник за надворешно обезбедување. Горан и екипата што била со него, била надлежна за личното обезбедување на Претседателот на Собрание, па затоа и побарал од Горан да биде заштитен условно кажано кабинетот и вработените и ништо повеќе. Појасни дека кога зборувал за претходни немили настани во Собрание кога имало потреба од интервенција на внатрешното обезбедување воопшто не мислел на 24 декември, кога функција на Претседател на Собрание била нападната и исфрлена од претседавачкото место, бил уништен системот, имало фрлано спајалици, бил истурен јогурт во тој систем за да не функционира и кога се вратиле имало нов систем во Собрание, затоа што стариот веќе не можел да се користи, туку мислел на Правилникот за внатрешниот ред на Собранието донесен во 2011 година, лично од него како тогашен Претседател на Собранието, а согласно чл. 60 од Деловникот, внатрешното обезбедување може да интервенира кога има препирања и искри меѓу пратениците и тепачки, како што бил случајот во Комисијата за финансирање и буџет. Не се сеќава дали тоа било во 2014 или 2015 година, кога комисијата ја водел Крсто Мукоски, а јавноста можела да види како се испотепаа меѓу себе пратениците од ДУИ и од ДПА. Мукоски раздвојувал на почеток, а потоа влетало внатрешното обезбедување да ги раздвои, па појасни дека мисли на тие и такви случувања, па доколку нешто такво се случело, обезбедувањето да биде спремно како би можело веднаш да инервенира и да спречи да дојде до поголем инцидент, да спречи тепачка. Напомена дека тогаш имало еден паднат доле на под, други имало кои се тепале со боксови помеѓу себе, Крсто иако се обидел да ги раздвои, во тоа не успеал. Во врска со пеењето на абанската химна, наведе дека тој ја знае македонската химна, ги знае зборовите, албанската химна не ја знае, не може да знае кој пратеник кога пее што зборува, дали пее албанска или пее друга химна или трета, а не знае што е бидејќи немало превод, а од друга страна ова траело кратко време само 20-тина секунди. Сведокот го појасни степенот на заштита на Собранието и наведе дека Собранието е од прв степен на заштита, а исто така и работниот дел на Претседателот на Државата, резиденцијата исто така и Владата. За нив се грижи МВР и комплетно сите тие се вработени во МВР. Појасни дека во фазата на реновирање на Собранието се превземале одредени активности вклучувајќи поставување на камери и други мерки, вклучувајќи рентген за влез во Собранието, а секако едни од тие мерки се и вратите во Собранието кои имаат и заштитни огради за да не може да се влезе внатре кога е зовриена ситуација, кога е во тензија. Инаку во редовна ситуација и тој како Претседател на Собранието поминувал од таму, поминувале пратениците, гости, амбасадори. Воедно истакна дека го забележал тоа дека А.А. не бил во салата иако сите други пратеници биле таму, меѓутоа не му е познато дали дали некој го известил, дали некој му кажал на А.А. да го напушти Собранието пред да влезе толпата народ внатре, но знае дека во салата биле 119, а не 120 пратеници. Воедно напомена дека на 27 април се случиле многу работи, целиот ден бил тензичен, почнувајќи од пресот на З., од процедуралното на З. и многу

други работи кои што и од оваа дистанца кога ќе се погледнат, не може да се разјасни што точно се случило, односно тој ден се случиле повеќе работи кои довеле до тоа да дојде до немилиот настан. Во врска со заштитата и како се отвораат вратите во Собрание, сведокот појасни дека во Собранието има многу врати и тоа има врати метални, има врати дрвени, има врати за влегување во кабинет, има врати за во сала М., има врати за во салите кај што се држат комисии, сите врати не се отвораат на ист начин, некои врати се отвораат со картичка, некои без картичка. Појасни дека во кабинетот на  Претседателот на Собрание, има врати кои што се отвораат со картички, кои што истовремено им служат на вработените за отчукување за присуство и тоа сите вработени што се во кабинетот и сите вработени имаат таква карта, а врата од кабинетот може да се отвори преку мониторингот за обезбедување. Наведе дека тој нема таква картичка, а појасни дека секогаш кога излегувал, прво излегувало обезбедувањето, а потоа тој што значи дека обезбедувањето ја отварало вратата. Осврнувајќи се на неговата комуникација со обвинетиот Горан Ѓошевски појасни дека неговата комуникација преку пораки започнала некаде 10-15 минути пред 18 часот, но точно на времето не може да се сети. Не се сеќава точно ни на содржината на пораките, но се сеќава дека е нешто во смисла на тоа дека е вжештена ситуацијата, дека треба да бидат на штрек, содржината била нешто таква и за внатрешното обезбедување да биде  спремно, комуникацијата била во таа смисла. Во врска со пораката пратена на Ѓошевски во 17:48:04, поточно кога му пишува „бидете на штрек“, појаснува дека пораката е со таква содржина како резултат на неговото долгогодишно искуство, а и самата ситуација на пленарната седница која што била вжештена, му кажувало дека е нешто невообичаено и се разликувало од другите денови. Појасни дека и претходно кога ќе почувствувал дека атмосферата во салата се вжештува, во тој случај комуницирал со Ѓошевски преку пораки со цел тој да исконтактира со внатрешното обезбедување за да истото биде спремно да интервенира доколку има потреба за тоа. Во врска со пораката која ја примил од Ѓошевски во 17:49:23 со содржина „сите знаат и од МВР“, појасни дека тој не знае кои се од МВР, смета дека најверојатно Ѓошевски мислел на внатрешното и надворешното обезбедување, на началниците од МВР, затоа што во  надлежност на МВР е обезбедувањето на  објектот како што е Собранието на РМ, а воедно не само што тоа е во нивна надлежност туку тоа е и нивна одговорност. Наведе дека во неговиот кабинет влегле демонстранти и тоа во поголем број, меѓу тие што влегле со сигурност кажува дека немало луѓе со маски, а потврди дека тој бил Претседавач на Собранието на 27 април и не му било познато дека низ Собранието се движат луѓе со маски, ниту пак за такво нешто бил известен од неговото обезбедување. Не му е познато дека Горан Ѓошевски на дел од демонстрантите кои биле насилно влезени во Собрание, а меѓу кои имало и лица со маски им го покажувал патот кон Прес салата, ниту пак дека со својата картичка сакал да ја отвори вратата на демонстрантите, која што врата води према Прес салата. Воедно не му е познато дека

обвинетиот Горан Ѓошевски има некаква врска и со влегување во мониторинг салата од страна на двајца вработени во МВР, а не се сеќава дека на ден 09.05.2017 година имало комуникација помеѓу него и обвинетиот Горан Ѓошевски, која комуникација се однесува токму во тој дел околу влегувањето во мониторинг салата. Појасни дека немал комуникација со обвинетиот Чавков, а со цел да го заштити Горан Ѓошевски и тоа во тој дел што се однесува за влегувањето во монитринг салата, појасни дека со Чавков имал комуникација само во делот околу дисциплинска постапка што се водела за Горан Ѓошевски. Не се сеќава ни дали на 09.05.2017 година му има испратено порака на Горан Ѓошевски во која што му пренесува што кажал обвинетиот Митко Чавков за некои луѓе од ДБК што влегле да земат снимки од мониторинг салата, но се сеќава дека тој со  Митко Чавков разговарал само во делот на дисциплинската постапка.

Судот не поклони верба на исказот на сведокот од причина што неговиот исказ е контрадикторен, истиот е спротивен на изведените докази пред се на СМС пораките и снимките од кои јасно се виде однесувањето на обвинетиот Горан Ѓошевски за време на настаните на ден 27.04.2017 година. Сведокот со ваквиот исказ очигледно е дека сака да му помогне на обвинетиот кој бил негово обезбедување девет и пол години. Меѓутоа тука судот мора да нагласи дека овој сведок во својот исказ посочи дека на 27 април се случиле многу работи, целиот ден бил тензичен, почнувајќи од пресот на З., од процедуралното на З., па тука повторно може да се заклучи дека имало доволно показатели дека тој ден може да се случат немили настани, но сепак полицијата не реагирала благовремено.

Сведокот М.Ј. во својот исказ наведе дека на 27-ми април била определена на ноќна смена со почеток од 19:00 часот, на работно место влез Пријавница, а таа на работа пристигнала 15 минути пред започнување на смената. Тогаш веќе сите влезови биле блокирани и единствен начин да стигне до објектот внатре било исклучиво преку главниот влез, заради што се упатила во тој правец, влегла низ толпата која што во тој момент веќе била внатре, низ просториите, односно холот на приземје и се упатила према Пријавница. На тоа работно место во тој момент била нејзината колешка К.А. . Се пријавила како за редовна работа, а веднаш потоа се упатила према Прес центарот и во тој момент таму биле дел од колегите од нејзиното одделение и тогаш се сретнала и со началникот Горан Ѓошевски, кој и кажал дека заедно со колегата Христовски Игор, имаат задача да ги евакуираат вработените кои се дел од службата во Собрание, поточно во режија, а чија што работна просторија се наоѓа помеѓу сала 3 и 4, поточно се наоѓа до Прес центарот. По ова тие ги превзеле колегите кои што се вработени во службата, ги спуштиле во холот од влез „Винар“ према главниот влез и со тоа ги евакуирале од зградата на Собранието. Наведе дека следно нешто на кое се сеќава е дека некаде околу 21 часот тргнала према влез „Пријавница“ за да ја смени батеријата од рачната радио станица, а на тој влез била

единствено нејзината колешка А.К. и во тој момент дошле колеги кои што се претставиле дека се од УБК и побарале да се отвори мониторинг просторијата, односно да се отвори собата за видео надзор која што се наоѓа во непосредна близина на влез „Пријавница“. А. на нив им кажала дека за да ја отвори таа просторија потребна е исклучиво согласност и наредба од непосреден старешина. Во тој момент бидејќи нивниот началник тогашен за внатрешно обезбедување А. Ј. бил повреден, А. била во дилема од кого треба да побара одобрение. Во тој момент А. му се јавила на началникот Горан Ѓошевски, му ја објаснила ситуацијата и после овој разговор таа кажала дека добила потврда да ја отвори просторијата. Во тој момент сведокот била на пријавница, а потоа повторно се упатила према колегите во делот на приземје и прв спрат, се со цел да се евакуираат лицата кои што биле останати во објектот на Собранието, тоа било некаде до 23 часот. Појасни дека таа не го слушнала разговорот помеѓу А. и Ѓошевски, не слушнала што разговараат. Наведе дека од лицата што се претставиле како колеги од УБК, а биле четири лица кои дошле околу 21:00 часот го познава само Оливер Радулов, со кого се познава од претходно, а поточно се познавале од Факултетот за безбедност. Колку што се сеќава во моментот кога дошле колегите од УБК, таму на Пријавница биле само сведокот и нејзината колешка А., дали имало и други присутни во тој момент, не знае, не може да се сети.

Исказот на овој сведок е во склад со останатите изведени докази, а пред се со исказот на сведокот А. Б. К., како и со снимките, заради што судот поклони верба на исказот на овој сведок.

Со Решение број 24.7.77-084/1 од 19.10.2015 година на МВР, обвинетиот Горан Ѓошевски е распореден на работно место Началник на Одделение категорија Б, ниво Б5, за лично обезбедување на Претседателот на Собрание на РМ, Сектор за обезбедување на личности, Оддел за заштита на определени личности и објекти, Централни полициски служби, БЈБ, при МВР сметано од 01.10.2015 година.

Од Медицинската потврда број 0302-234/1 од 09.05.2017 година на ЈЗУ Здравствен дом С. – С., ОЕ-Служба за ИМП со домашно лекување, произлегува дека медицинска екипа на Службата за итна медицинска помош со домашно лекување при ЈЗУ „Здравствен дом на С.“ –С. интервенирала на ден 27.04.2017 година во 19:45 часот во Собрание на РМ за лицето Горан Ѓошевски.

Согласно Изводот од Матичната книга на умрени за С.Ѓ. што се води под тековен број 288 за 2017 година, мајката на обвинетиот Горан Ѓошевски, С. Ѓ. починала на 27 ноември 2017 година во 07:15 часот. Нејзината здравствена состојба била од претходно нарушена, поради што медицинска екипа доаѓала во нејзиниот дом, а тоа било случај и на ден 27.04.2017 година, кое нешто неспорно произлезе и од Медицинската потврда за С. Ѓ. број 0302-612/2 од 15.12.2017 година, издадена од ОЕ-Служба за ИМП за домашно лекување- С. .

Со Правилникот за внатрешниот ред на Собранието на РМ од 2011 година се уредува внатрешниот ред на Собранието, особено влегувањето во зградата, користењето на работни простории, примањето на странки, присуството на седниците на Собранието и на работните тела, чувањето на службените материјлаи и на акти, противпожарната заштита, како и одржувањето на редот во зградата на Собранието и во просториите во кои работи Собранието. Во чл.3 од овој правилник е наведено дека одржувањето на редот во зградата на Собранието и во просториите во кои работи Собранието го обезбедува посебна служба. Работите на обезбедувањето на зградата на Собранието непосредно ги организира и врши МВР во согласност со овој Правилник и Упатството за начинот на обезбедување на зградата на Собранието.

Видно од Уверението бр.16.2-2/4785 од 09.12.2005 година, обвинетиот Горан Ѓошевски се смета за припадник на безбедносните сили. Истиот има добиено и Сертификат за обука.

Обвинетиот Горан Ѓошевски на ден 23 септември 1990 година стапил во брак со К.З., што е видно од Изводот од матична книга на венчани што се води за Град С. под тековен број 1692 за 1990 година.

Видно од Изводот од матична книга на родените која што се води за Град С. под тековен број 219 за 1994 година, обвинетиот Горан Ѓошевски и неговата сопруга добиле син Н. кој што е роден на ден ... година, додека на ... година роден е синот А. Ѓ., кое нешто прозлегува од Изводот од матична книга на родените која што се води за Град С. под тековен број 4511 за 1996 година.

Со Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедувањето (Службен весник на РМ бр. 56 од 27 март 2014 година), се определуваат личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување. Во чл.4 се наведени личностите кои се обезбедуваат, а меѓу нив е и Претседателот на Собранието. Согласно чл.10 од страна на МВР, со преземање на редовни, вонредни и посебни мерки и активности на обезбедување постојано се обезбедуваат повеќе објекти меѓу кои и објектот на седиштето на Собранието. Во случај на нарушување на јавниот ред и мир во поголеми размери за обезбедување на објектите меѓу кои и Собранието од страна на МВР се превземаат и дополнителни мерки и активности за обезбедување согласно закон.

Од Органограмот на МВР на РМ од октомври 2015 година, се гледа поставеноста на организациските единици за потребите на МВР.

Во поглед на предложениот доказ Стенографски белешки од дванаесеттото продолжение на Конститутивната седница на Собранието на РМ одржано на ден 27 април 2017 година судот нема повторно да се осврнува на истиот затоа што судот претходно имаше осврт на овој доказ.

Од Листингот на повици за Т.В. за телефонски број ... за месец април 2017 година, се гледаат телефонските комуникации на обвинетиот Горан Ѓошевски на ден 27.042.017 година, меѓу кои и комуникациите со Т.В., а всушност тука судот мора да нагласи дека во поглед на овие комуникации судот претходно се произнесе.

Видно од Решение бр.22.6.1.1-76634/1 од 01.12.2017 година на обвинетиот Горан Ѓошевски му бил откажан Договорот за вработување со отказен рок во траење од 1 месец сметано од денот на врачување на решението.

Бранителот на обвинетиот Горан Ѓошевски, адвокат Ружица Николовска со писмено Барање од 23.03.2018 година се обратила до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција со кое што барање бара собирање на докази од страна на Обвинителеството, а се работи за документ од МВР за опис и попис на работното место на обвинетиот, документ за стандардна оперативна процедура за работното место на обвинетиот, снимка од камера од заден влез на Собранието од ден 27.04.2017 година и снимка од камера на стаклената врата од Кабинетот на Претседателот на Собранието од ден 27.04.2017 година.

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до адвокат Ружица Николовска доставил Известување - одговор од 28.03.2018 година и видно од истиот во врска со точките 3 и 4 од писменото барање, односно да се обезбеди доказ-снимка од камера на заден влез на Собранието на РМ (гаражи) од ден 27.04.2017 година и да се обезбеди доказ-снимка од камера над стаклената врата од Кабинетот на Претседателот на Собранието од ден 27.04.2017 година, ја известуваат дека камерата на задниот влез на Собранието не работела во време на случувањата на 27.04.2017 година во Собранието и од тие причини не располагаат со снимки од таа камера, а сите снимки од камери од Собранието биле обезбедени и предложени од Обвинителството во листата на докази.

Во текот на доказната постапка беа изведени и доказите на обвинетиот Оливер Поповски.

До Комисијата за спроведување на дисциплинска постапка при БЈБ бил доставен Предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност бр.23.2.1-01/26 од 09.05.2017 година на Началникот на ОЗОЛО Т.С., а имено овој предлог бил доставен врз основа на чл.225 од Колективниот договор на МВР (Сл.весник на РМ бр.69/15) и задолжителните мерки содржани во Извештај СД.бр.14.1.1-647/62 од 08.05.2017 година од Одделот за внатрешна контрола и криминалистички истраги и професионални стандарди, а се однесува за Оливер Поповски, Горан Ѓошевски, Алими Абдуљфета, како и за И.Х. и М.М. . Во моментот на поднесувањето на овој предлог Оливер Поповски бил на работно место Началник на Сектор за превентивно обезбедување на личности и објекти во Одделот за заштита на определени личности и објекти.

Од обвинетиот Оливер Поповски доставени се и 3 Фотографии во црно-бела боја од Прес центар сала на Собрание на РМ, од кои се гледа обвинетиот Оливер Поповски кој што стои пред толпата народ.

Од страна на Македонскиот полициски синдикат преку овластениот претставник С.Ј. до Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност при БЈБ доставено било Мислење и видно од истото се предлага да Комисијата ја прекине постапката за одговорност или да евентуално предложи минимална дисциплинска мерка поддржана со аргументи и докази од причина што смета дека се работи за многу непрофесионален изработен предлог од страна на ОЗОЛО до Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност при БЈБ, потоа во делот за обвинувањето со зборот пасивност наведено е дека треба да се земе во предвид фактот дека се работи за настани кои биле произлезени пред се од политички карактер, па подоцна разгорени во немири и затоа не би требало да се третира како пасивност колку што е недвоумица или размислување како и на кој начин да се постапи во моментот, а како не би биле иницирани демонстрантите на поголема разјареност и агресивност, а паралелно на сето тоа да бидат заштитени животите на колегите кои биле присутни, како и на сите останати. Воедно, во ова Мислење истакнуваат дека нивните колеги од ОЗОЛО, внатрешното обезбедување, како и останатите присутни од другите одделенија при ОЗОЛО не поседуваат никаква опрема за справување во такви моменти и кризни ситуации со толпа во затворен простор како и обука или реобука долги години. Во моментот располагале со формациско и лично вооружување кое не било соодветно во дадената ситуација и мобилни апарати за остварување на комуникациска врска, а воедно сметаат дека постојат некоординирани закони и уредби, па повикувајќи се на Закон за Собрание чл.43 од Законот за Собрание сметаат дека не е прецизирано кој го обезбедува Собранието. Меѓутоа тука судот мора да нагласи дека токму обвинетиот Оливер Поповски бил во холот на Собранието и истиот само ги следел случувањата кога биле отстранувани попречните метални греди од влезните врати, а додека полицискиот службеник В.С. се обидувал сам да ги спречи двете лица во нивниот обид за отворање на влезните врати од Собранието, обвинетиот Оливер Поповски, но и обвинетиот Горан Ѓошевски не превземаа никакви активности за да му помогнат на В.С. при враќањето на заштитните греди ниту пак превзеле било какви активности за да го спречат отварањето на вратите. Тука бил присутен и обвинетиот Абдуљфета Алими кој исто така во тие моменти не превземал ништо за да се спречат лицата да ги отворат влезните врати. Воедно, тука мора да се нагласи и фактот дека повеќе сведоци многу јасно посочија дека се работи за заштитни врати кои што доколку не беа отворени масата народ не би имала можност истите да ги отвори, а со самото тоа би се спречил и влезот на толпата народ во внатрешноста на Собранието. Воедно во поглед на делот каде се зборува за пасивност се наведува меѓу останатото дека треба да се земе во предвид фактот дека се работи за настани кои биле произлезени пред се од политички карактер, па тука

судот мора да нагласи дека ирелевантно е која е причината за случување на тие настани, а најмалку е битно дали истите произлегле од некаков политички карактер. Полицијата мора да се грижи за безбедноста на сите граѓани, како и за заштита на објектите и не може да се оправдува пасивно однесување на полицијата во вакви ситуации.

Во текот на доказната постапка беа изведени и докази на обвинетиот Мунир Пепиќ, па така сведокот В.Ѓ. во својот исказ наведе дека не го познава обвинетиот Мунир Пепиќ, но знае дека кога биле настаните на 27-ми април помогнал во извлекувањето на повредените, а откако го видел дека е обвинет видел дека е тоа лицето кое што помагало во евакуацијата, смирување на состојбите затоа што целиот настан бил многу хаотичен. Појасни дека Мунир Пепиќ го видел кај собраниското бифе и во ходниците при што Мунир Пепиќ му кажал дека е службено лице и го прашал што може да се помогне, а тој му рекол „Помагајте што можете да се смири состојбава и безбедно да се извадат луѓето“. Во собраниското бифе префрлиле одреден број на луѓе, лично учествувал во тоа, особено оние што биле најтешко повредени затоа што после евакуацијата од Прес салата ги донел повредените пратеници во неговата канцеларија, но евакуирале и други пратеници кои што ги нашле по ходници, канцеларии и други места, новинари и истите ги носел во неговата канцеларија, но по одредено време веќе немало место и решиле луѓето да ги префрлат на приземје. Во тие моменти разговарале со луѓе кои што биле таму, полицајци во униформа, во цивил, дали најтешко повредените да ги евакуираат и да се обидат да ги транспортираат до Градска болница која што е на 50 метра, на 100 метра. Тој излегол надвор на терасата на Собрание на излезот према Градски ѕид, видел дека има многу луѓе, дека и состојбата надвор исто така била таква каква што била и дека во тој момент немало услови да претрчаат до Градска болница, па останале на приземје и барале начин како да дојде Брза помош во гаражата, во подрумот на Собранието, полицајците да кажат дека е безбедно и да почнат со евакуација на оние кои што биле потешко повредени, тоа бил пратеникот С., полицаецот А. и уште некој. Таму бил и Мунир Пепиќ кој што заедно со други вклучувајќи и пратеници се обидувал да најдат решение за тоа како да се санираат последиците и да се евакуираат пратениците. Истакна дека имало и други луѓе кои што помагале, па кога добиле информација дека тешко повредениот пратеник С. е на 3-ти кат, полицајците кои што биле таму во неговата канцеларија го замолиле и му рекле „Влатко каде е“ мисли дека било канцеларија триста и нешто „каде е таа канцеларија“ затоа што Собранието е големо, „помогни ни да ја најдеме канцеларијата и дојди со нас ако бидеме пресретнати од поголем број на луѓе да помогнеш и да не заштитиш“. Отишле на третиот кат, каде во темна канцеларија без светло, со изгаснато светло бил Пратеникот С. . Заедно со него биле Пратеникот Н.Т. и медицинска екипа, со медицински тим и отишле таму каде што бил Пратеникот З. С. . Тропнале, влегле, им отклучиле затоа што било заклучено и таму бил господинот од собраниското обезбедување Абдуљфета, тој му имал дадено прва помош

во канцеларијата и им помогнал заедно со медицинската екипа да го евакуираат Пратеникот С. . Сакале да го донесат во неговата канцеларија затоа што веќе таму имало болничари, имало инфузии, но бидејќи немало место го однеле во собраниското бифе на приземје. Имало и други исто така кои што помогнале, кои што биле во судницата, еден од нив бил и Б. Д. . Кога полицајците го замолиле и му кажале дека има жестока, тешка ситуација пред кабинетот на В. му рекле „В. те молиме појди и кажи им таму да се смират, да се запре состојбата“. Таму имало поголем број на луѓе, имало обид за влегување во тоа друго крило на Собранието, односно како на оваа лева страна имало и кордон од полиција, дошол таму, од другата страна го видел Б. Д., му довикнал „Б. те молам смирувај“ со гестикулација значи „те молам смирувај“, односно помагај. Видел помага, викал „Луѓе застанете, застанете смирете се“ и тоа било пред тој кабинет. Исто така го видел и актерот В.Ј., им се сретнале погледите, му рекол „Владо смирувај“ и исто и В. викал „В. праам што можам“ рекол „добро ќе смируваме“, се разбрале со поглед, односно рекле „да“ со раце, да се смири состојбата. Наведе дека напори за смирување на состојбата вложило исто така и собраниското обезбедување на кое што тоа им било најтежок ден во нивниот работен век, а тоа и него му бил најтежок ден како Пратеник во законодавниот дом. При крајот на вечерта Горан, не знае како му е презимето, шефот на обезбедувањето на В., го чул како вика на луѓе, на колеги „Смирувајте, обезбедете ја зградата“,тоа било во моментите кога можел да дојде до кабинетот, тоа било при крај на вечерта затоа што во Собранието имало сеуште голем број на луѓе, односно имало луѓе по ходници, луѓе заклучени по канцеларии, луѓе по скали, во подрум. Тој неколку пати го претрчал Собранието затоа што имало потреба за евакуација на луѓе од приземје, од прв, од втор и од трет кат, му доаѓале и полицајци и пратеници и му викале каде е таа и таа канцеларија. Слушнале дека има луѓе и со трчање оделе некогаш со полиција, некогаш сам да ги донесат луѓево на сигурно затоа што имало голема неизвесност и едноставно да бидат на сигурно. Наведе дека исто така имало потреба за евакуација и на вработените во Собранието и новинарите, дел од нив биле во Сала бр. 4, тоа е спроти Прес салата, дел биле по други места. Појасни дека во наредните денови имал можност да разговара со Б. И., со Чавков и на сите им било мачно за сето тоа што се случило, сите биле зачудени и им било жал за тоа што се случило.

Исказот на овој сведок е пристрасен и даден со цел да се помогне на дел од обвинетите, а пред се на обвинетиот Мунир Пепиќ. Сведокот воопшто не беше прецизен во смисла кога и каде, односно во кој дел од Собранието го видел овој обвинет.Тој воопшто не појасни во што точно се состоела помошта која ја укажал обвинетиот Мунир Пепиќ, но конечно дури и да прифати судот дека овој обвинет помагал во Собранието, тоа секако е сторено откако веќе е извршено кривичното дело за кое се терети обвинетиот, а освен тоа таа помош била укажана откако полицијата почнала да делува, односно да превзема дејствија.

Сведокот М. О. во својот исказ наведе дека го познава обвинетиот Мунир Пепиќ, истиот го видел во Собранието на РМ на 27.04.2017 година. Појасни дека тие кога го симнувале повредениот А. се спуштале по скали према клубот на пратеници и таму го здогледал Мунир Пепиќ, пробале да го извлечат повредениот низ влезот „Винер“ во Собранието каде што Пепиќ се приклучил кон помошта да го изнесат, но за жал не успеале и го вратиле назад во клубот на пратеници додека не се создадат услови за извлекување, а подоцна кога се создале услови за да го извлечат низ влезот „Гаража“ се приклучил и заедно го изнесувале надвор од Собранието. Истакна дека и Мунир Пепиќ бил присутен во клубот на пратеници каде имало и други пратеници, го видел само се договарал и помагал, не е сигурен, но мисли дека на Р. Ш. кога се облекувала во болничка облека за да можат да ја изнесат.

Сведокот во својот исказ посочи каде го видел обвинетиот Мунир Пепиќ и дека истиот им помагал кога требала да се изврши евакуација на повредените пратеници З. С. и Р.Ш., но судот повторно ќе нагласи дека сето тоа овој обвинет го направил по сторување на кривичното дело за кое се товари и откако полицијата почнала да превзема дејствија.

Сведокот В. Х. во својот исказ наведе дека го познава обвинетиот Мунир Пепиќ и истиот го видел за време на настаните од 27.04.2017 година во Собранието. Појасни дека тој на наведениот датум бил поставен од неговите старешини пред Клубот на пратеници во Собранието и ги носел пратениците и членовите на обезбедувањето во клубот. Тогаш го приметил Мунир Пепиќ, мисли дека бил со ранец на грбот и при извлекувањето на пратениците им помогнал да ги спуштат до задниот излез на Собранието „Гаража“ така мисли дека се викал. Наведе дека обвинетиот Мунир Пепиќ бил присутен во просторијата Клуб на пратеници, таму имало и повредени колеги, а на 2-3 пати носел вода од кујна да им дадат на повредените. Исто така, во просторијата имало 2-3 медицински екипи, имало повредени колеги, го видел посоченото лице Мунир Пепиќ и притоа добиле наредба, можност да ги симнуваат, да ги евакуираат пратениците и полицајците повредени, а при извлекувањето им помагал и Мунир Пепиќ.

Од исказот на сведокот произлезе дека обвинетиот Мунир Пепиќ во Клубот на пратеници помагал при евакуацијата на пратениците и обезбедувањето, но сето ова е откако обвинетиот го извршил делото за кое се терети и откако полицијата почнала да дејствува.

Врз основа на чл.283 ст.2 вв. со чл.284 ст.1, 2 и 3 од ЗКП ОЈО за гонење организиран криминал и корупција донело Наредба КО.бр.66/17 од 11.12.2017 година доставена до Агенцијата за ... на РМ, со која што наредба се бара доставување на неколку извештаи меѓу кои и Извештај изготвен на ден 30.04.2017 година од страна на вработени во Агенцијата за ... меѓу кои и Мунир Пепиќ.

ОЈО за гонење организиран криминал и корупција до бранителот на обвинетиот Мунир Пепиќ, адвокат Еленко Миланов доставил Допис КО.бр. 66/17 од 13.09.2018 година, со кој што допис му ја доставуваат претходно наведената наредба при што напоменуваат дека доказите на бранителот му биле презентирани во просториите на Обвинителството, при што биле презентирани доставените податоци од страна на Агенцијата за ..., но со оглед дека се работи за документи со степен на доверливост „државна тајна" истите не можат да ги достават.

Судот тука мора да нагласи дека и судот се обрати до Агенцијата за ... со писмен допис од 13.12.2018 година со кој бара доколку нема пречка да се изврши декласификација на Извештај на Агенцијата за ... на РМ, Директорат за СР, СД бр.08-2741/1 од 30.04.2017 година и на допис СД.бр.08-2712/1 од 28.04.2017 година, меѓутоа од Агенцијата за ... со писмен допис СД.бр.04-169/1 од 17.12.2018 година судот беше известен дека не може да се изврши декласификација на бараните документи.

Судот ги ценеше и доказите предложени од страна на обвинетиот Абдуљфета Алими, па така сведокот З.С. во својот исказ наведе дека тој станал пратеник во Собрание на РМ после изборите во 2016 година, не се сеќава на точниот датум кога го добил мандатот, само знае дека тоа било крајот на месец декември 2016 година. Појасни дека како пратеник бил присутен во Собранието на 27.04.2017 година. Наведе дека го познава Абдуљфета Алими како лице кое е вработено во обезбедувањето на Собрание, имал прилика него да го гледа на влезот и низ ходниците на Собранието, а го познава бидејќи ова е втор мандат на сведокот како пратеник, првиот мандат бил од 2011 до 2013 година. Во врска со настаните од 27 април наведе дека седницата тој ден започнала нормално, било во прашање да се избира Претседател на Собранието. Неколку денови пред 27-ми се зборувало за тоа, се зборувало дека на тој ден дека ќе се избира Претседател на Собранието, па на 27-ми април се одлучило да се деблокира тоа што од тогашната власт било блокирано, а била блокирана целата постапка за избор на Претседател на Собранието. На 27-ми април било одлучено да не се оди на избор на Претседател на Собранието како дел на новото мнозинство кое било формирано, потврдено со потписите кои биле предложени до Претседателот на државата. Откако се избрал Претседателот на Собранието ги слушнал тие што протестирале сакале и се обидувале да влезат внатре во Собранието. Појасни дека откако се избрал Претседателот на Собранието, било најавено дека ќе има прес конференција на новиот претседател и тогаш сведокот заедно со неговите колеги од Алијансата за Албанците, С. Р. и

В. М., се качиле на првиот спрат и биле во холот на почетокот пред салата за прес конференции што се ноаѓа во Собранието и во тој момент се слушнала врева, извици и некој рекол дека толпата е веќе влезена внатре во Собранието. Како и сите други пратеници кои биле во холот, се упатиле внатре во Прес центарот, таму сеуште сегашниот Претседател на Собранието држел говор, прес конференција, тогаш некој ги затворил вратите за да оневозможи некој од толпата да влезе внатре. Се сеќава дека личното обезбедување на господинот З. се обидувало да ја спречи толпата да влезе внатре, меѓутоа после кратко време вратата се отворила, толпата влегла внатре и почнала да ги напаѓа пратеници внатре во салата за прес конференции. Појасни дека пред него бил неговиот колегата С. Р. и Р. И. од Алијансата за Албанците, кои до негде ги спречувале оние што протестирале да стигнат до сведокот. Во еден момент, неговиот колега Р. С. му рекол дека некој од обезбедувањето на Собранието еден по еден ги извлекува пратениците од салата за прес конференции, па му рекол сведокот да оди по него, на што сведокот кажал дека тоа не е можно од причина што тој не е непознат за тие што протестираат и ако тој појде заедно со колегата, тогаш и колегата ќе трпи последици само заради фактот што е со него. Од тој момент кога веќе тие двајца негови колеги биле со сведокот, тој бил изложен директно на тие што протестирале. Памети дека фрлале предмети, се сеќава дека према него фрлиле еден монитор од компјутер како и други предмети и после ова веќе не се сеќава што потоа се случувало. Не знае да каже што се случувало до моментот кога се освестил некаде на третиот спрат на Собранието, во некоја од канцелариите на Собранието. Се сеќава дека кога се освестил, забележал дека било темно, дека во тој момент сведокот бил позади едно биро во канцеларијата, а кога ги отворил очите, тука до себе го видел Абдуљфета Алими, кој му се обратил и му рекол „Како си“. Во меѓувреме многу негови блиски се имале јавено по телефон, на неговиот телефон кој го имал Абдуљфета и тогаш сведокот го побарал од него телефонот бидејќи сакал да им се јави на неговите. Се јавил на телефонот за да им каже дека е добар, а после имало и неколку други телефонски јавувања кај негови луѓе. Знае дека во еден момент му се обратил, точно не памети зошто и како, што довело до тоа, му се обратил на Абдуљфета Алими и му рекол „сум во твои раце“, ова директно му го кажал на Абдуљфета. Појасни дека внатре во просторијата имало и друго лице, меѓутоа неговото име не го знае, не знае како се вика тоа лице, но знае дека тоа лице било од редовите на тие што протестирале, а во просторијата му помагал на Ф., таму биле заедно, па кога сведокот го прашал Фета за тој човек, Ф. му рекол дека и тој помага. Сведокот наведе дека му рекол на Абдуљфета дека е во негови раце, дека неговиот живот е во рацете на Абдуљфета, на што тој му одговорил „додека сум жив ќе те заштитам, ако нема да бидам жив, тогаш да ми простиш“. Абдуљфета по ова му рекол на сведокот да биде потивок бидејќи сеуште постоел ризик дека може да ги најде толпата, дека толпата може да го најде местото каде што биле сокриени. Напомена дека не знае како се нашол таму, тоа

сеуште не го знае бидејќи не се сеќава на ништо и сега во неговото сеќавање, неговата претстава е дека целата ситуација од  кога тој се освестил, па се додека бил транспортиран во Клинички центар, тој мисли дека не поминале повеќе од 15 - 20 минути, но мисли дека тоа е така поради состојбата, поради крвавењето што го имал. Неговите блиски и пријателите кои го чекале, му кажале дека поминало повеќе од еден час, дека целата таа ситуација се одвивала помеѓу еден и два часа. Знае дека во еден момент дошло и тоа лице што со Абдуљфета заедно му помагале, дошло до него и му рекло „кога ќе дојдат кажи им дека ти помогнав“, ова било кога веќе се очекувало влегувањето на полицијата. Наведе дека се сеќава кога дошол докторот, тогаш му дале една инекција, не се сеќава кое време било тоа, не може да каже точно во кој период тоа се има случено. Се сеќава и на тоа дека во некое време му облекле еден дуксер кој бил од лицето што  било внатре во просторијата заедно со Абдуљфета. Кога дошла полицијата и влегла внатре во просторијата, му ставиле значка полициска и потоа како повреден полицаец го изнеле надвор. Се сеќава дека извесно време чекале долу во ходникот, а тоа било пред да влезе во кола, комбе од Брза помош. Воедно се сеќава и на тоа дека тука дошол и Министерот за здравство Н.Т., познато му е дека имало дебата помеѓу него и докторот, при што Т. инсистирал сведокот да биде однесен во Градската болница, а докторот инсистирал сведокот да биде однесен во Клинички центар, каде што го чекала екипа со господинот А.Т., па во еден момент Н.Т. му рекол на докторот „правете што сакате“. Појасни дека за цело време Абдуљфета бил со него. Сведокот се сеќава дека во болница бил однесен со возило од полиција, а не со возило од Брза помош. Појаснува дека го изнеле надвор и го ставиле во возилото, Абдуљфета бил за цело време со него, што значи дека заедно стигнале во Клинички центар каде што веќе сведокот бил пречекан од неговите блиски. Дури откако стигнале до влезот на Клинички и кога веќе сведокот се нашол меѓу негови блиски луѓе, Абдуљфета му пришол и му рекол „Претседателе дали сум слободен сега од твоја страна за зборот што ти го дадов“, на што сведокот му рекол „да, слободен си“ и од тој момент сведокот бил на КАРИЛ за интензивно лекување на Клиниката за реуматологија и трауматологија и интезивна. Тоа е се отприлика на што тој сеќава за настаните од 27 април. Сведокот наведе дека за него Абдуљфета  е заслужниот човек за тоа што тој е во судот, за тоа што е жив и мисли дека кога некој спасува нечиј живот, тогаш тој што е спасен секако дека се чувствува должен, па затоа тој кога слушнал дека Абдуљфета има потреба од помош, дека нема имот кој би го понудил како гаранција за да излезе од затвор, сведокот се понудил, водејќи се по истата логика, дека неговата  куќа е и  куќа на Абдуљфета, па така имотот на сведокот е ставен како гаранција за да може Фета да се брани од слобода и да не биде во затвор. Истакна дека тој е жив благодарение на помошта што ја добил од Абдуљфета, тоа е човекот кој него го спасил и смета дека тој со својот живот му е должник на Фета. Во врска со тоа дали другите пратеници знаеле дека токму на тој ден ќе се врши избор на

Претседател на Собрание, сведокот појасни дека не знае дали другите пратеници биле запознаени, но наведе дека тоа се очекувало да се случи уште првиот ден кога била закажана седницата, па како тоа не се случило на првиот ден, нормално било секој нареден ден да се очекува дека изборот ќе биде извршен. Додека траела блокадата, имало најави дека ќе се избира Претседател и хипотетички доколку немало дебати и реплики помеѓу истите пратеници од истата пратеничка група итн, ќе се одело на избор на Претседателот на Собранието. Тој не знаел дека токму на тој ден ќе се изврши изборот, немал никаква информација во врска со тоа, информацијата ја добил после 15,00 часот кога веќе бил излезен надвор од Собрание за негови лични потреби, тогаш се слушнал со тогашниот претендент и сега Премиер на Владата на РМ, З.З., дека постои можност да на 27-ми април, тој ден да се оди на избор на Претседател. За тоа дали дали од другите политички партии знаеле дека изборот ќе се изврши на 27 април, наведе дека не би знаел да каже, а одговорите очекува да ги добие од судската постапка, но претпоставува дека некои знаеле и тоа е причината што во критичното време не биле присутни во Собранието, но тоа се само претпоставки, од друга страна, познато е дека повеќе пратеници, претседатели на политички партии, не биле во Собранието во критичното време, логиката упатува на тоа дека знаеле што ќе се случува токму на тој ден. Не гледа друга оправдана причина за нивното неприсуство тој ден во Собранието, но секако ова се само негови претпоставки. Истакна дека случувањата од 27 ми април јасно покажале што им била целта, а тоа е директен напад против него, дали сето тоа било организирано, тој не може да каже, но со оглед на тоа како се се случувало, веројатно е дека нападот бил организиран.

Судот поклони верба на исказот на сведокот од причина што неговиот исказ е во склад со останатите изведени докази. Истиот на јасен и недвосмислен начин опиша што се случувало во Прес салата на 27.04.2017 година и тоа до моментот кога изгубил свест, а и откако повторно се освестил во некоја канцеларија каде биле присутни обвинетиот Абдуљфета Алими и уште некое лице. Судот прифаќа дека обвинетиот Абдуљфета Алими помогнал во спасувањето на сведокот, но тука мора да се нагласи дека ова истиот го сторил откако е извршено кривичното дело.

Бранителот на обвинетиот Абдуљфета Алими, адвокат Донче Наков изврши презентација на снимка, УСБ 1  ознака А2 влез Прес, при што наведе дека се гледа холот Прес пред Сала 3 кога во 9 минути 28 секунди при пад на А.Ј. се гледа обвинетиот Абдуљфета Алими кој му помага и стои до него, во салата се уште неколку припадници на собраниското обезбедување, сведокот В.С. е тука и припадници од обезбедувањето на Собранието кои исто така како Абдуљфета Алими пробуваат да ја смират ситуацијата при што С.Ј., А.Ј. оди во десниот дел на снимката каде што се две фотељи и за цело време со него и пред него е Абдуљфета Алими кој му помага. На снимката на ЦД со ознака Analog _1_18_55_07_04_27.1.mp4

која е со време траење од 38:33 минути исткна дека се гледа дека во 13:15 па понатаму сите претставници на собраниското обезбедување, колеги на Абдуљфета Алими се со исти позиции и дејствија како и обвинетиот Абдуљфета Алими во ходникот на Прес сала 3.

Неспорно е дека на оваа снимка се виде дека навистина обвинетиот Абдуљфета Алими е до повредениот А.Ј., меѓутоа ова е единствено дејствие кое што истиот го превземал пред Прес салата, а претходно веќе е појаснето дека истиот во холот на Собранието кога се отвараат вратите е само нем набљудувач на отварањето на вратите, а освен тоа и во холот пред Прес центарот тој не превзема ниту едно друго дејствие за спречување на насилството, а неспорно е дека истиот е полициски службеник.

Видно од Решението на МВР на РМ бр. 24.7 76779/1 од 19.10.2015 година кое е донесено врз основа на чл.55 ст.1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, чл.116 ст.1 од Законот за внатрешни работи и Решението за пренесување на овластување бр.13.1-35389/1 од 01.06.2015 година, обвинетиот Абдуљфета Алими бил распореден на работно место Виш оперативен работник, Категорија Е, ново Е3, во Одделение за обезбедување на Собрание на РМ, Сектор за обезбедување на објекти од државен интерес, Оддел за заштита на определени личности и објекти, Централни полициски служби, БЈБ при МВР сметано од 01.10.2015 година. Од овој доказ неспорно произлезе дека навистина обвинетиот има статус на полициски службеник кој врши полициски работи и неспорно е дека истиот треба да постапува согласно Законот за полиција.

Судот се осврна и на доказите на тогаш обвинетата, а сега амнестирана Елена Доцевска Божиновска и тоа на исказите на сведоците од причина што истите во своите искази зборуваат меѓу останатото и за настаните од 27.04.2017 година. Во поглед на изведените материјални докази судот воопшто нема да се осврнува бидејќи истите не се однесуваат на настаните од 27.04.2017 година.

Сведокот С.Н. во својот исказ наведе дека е вработена во Собранието на РМ и во моментот работи како соработник за тековни активности кај Претседателот на Собранието на РМ, а била на истото работно место и на 27 април 2017 година. Наведе дека на 27 април била на работа во Собранието до нешто после 22:00 часот кога си заминала од работа. Од службениците кои што биле вработени во Кабинетот на Претседателот на Собранието на 27 април била таа, С.Н., Елена Доцевска Божиновска, Иван Цветановски и Г. П. Г. . Појасни дека по претходно долгогодишна установена пракса на неделно ниво кога имало пленарни седници, односно кога Претседателот имал обврски, како што било случајот и на 27 април кога Претседавачот со пленарната седница имал обврски по 16:30, односно по 18:30, имале договор за ротирачко дежурство кој што најчесто бил изработуван на почетокот на работната недела. Конкретно на 27

април неа и бил редот да остане дежурна, а истото се однесувало и на Елена и на Г., додека Иван Цветановски останувал секој ден заради можноста Претседавачот да свика координација во текот на пленарната седница или конститутивната во конкретниот случај. Откако Претседавачот ја затворил седницата за тој ден, истиот се качил во својот кабинет, тие сите со оглед на воспоставената пракса биле во секретарската канцеларија која што е веднаш пред свечените скали од Кабинетот. Нејзината врата гледа кон белите скали, а нејзините прозорци гледаат кон паркот „Жена борец“. Кратко време по ширењето на веста дека Т.Џ. ќе биде избран за Претседател на Собранието од прозорецот кој што гледал кон паркот „Жена борец“ можеле да видат дека дел од толпата ја прескокнувала заштитната ограда и се упатила кон главниот влез на Собранието. Многу кратко потоа се слушнале удари, силни удари на вратите, а се слушало и скандирање од надвор. Во тој момент началникот Ѓошевски, веројатно поради природата на неговата работа излегол од секретарската канцеларија каде што биле сите, а по него тргнал Иван Цветановски како единствено машко во кабинетот и Елена Доцевска Божиновска како хиерархиски надредена над сите нив, хиерархирски во смисла дека нејзиното звање е Раководител на Одделението, па оттаму била и нејзината одговорност и грижа за вработените кои што биле на работа тој ден, а кои што се со пониско звање од неа. По нив тргнала и таа до средината на холот, но оттаму веќе изгубила визуелен контакт со нив, па претпоставката и била дека успеале да стигнат до првото стојалиште на скалите. По многу кратко време сите се вратиле назад и веќе се појавиле луѓе кои што биле дел од толпата на главните скали. Во тоа време толпата која што влегла била навистина мирна, сите имале беџови ставени на нив дека се службеници и дел од луѓето биле дојдени едноставно да разгледаат како изгледале просториите на првиот кат. Од нивна страна било укажано дека не смеат да влегуваат во секретарската канцеларија и се обиделе да ја подзатворат вратата и тогаш виделе дека со затворањето на вратата луѓето кои што биле дојдени таму искажувале револт. По кратко време излегле пред самата врата на кабинетот, виделе дека луѓето кои што биле дојдени сакаат да разговараат и биле посмирени кога се тие надвор. Во текот на целото време можела да забележи дека имало луѓе кои што фотографираат и прават снимки од мобилни телефони. Тогаш решила да влезе внатре во канцеларијата со цел можеби од себични причини да не случајно некој дома од нејзините ја види на лајф скрим на нечиј мобилен телефон или фејсбук профил на пример да не се вознемират. Наведе дека во еден момент се сеќава дека дошол човек кој што со висок тон разговарал со Елена, односно и велел дека мора да го пушти во сектретарската канцеларија, дека тој мора да влезе. Елена се обидела да го одврати во намерата, но едноставно била истуркана. Човекот влегол во секретарската канцеларија и им кажал дека е таму за да види каде одат неговите пари. Му дозволиле да ја види канцеларијата стоејќи на вратата меѓу канцеларијата и „Длаборез“. Тоа го сториле затоа што човекот бил во алкохолизирана состојба и виделе дека

нема поента да се расправаат со него кога е веќе внатре. Тој им рекол да му ја опишат канцеларијата и „Длаборез“, го сториле тоа и му кажале дека „Длаборез“ е просторија заштитена со закон и дека заради тоа мора да излезе и да ги напушти просториите. За нивна среќа го прифатил тоа, им побарал вода и им кажал дека следен пат кога Елена немала да го пушти внатре дека ќе ги побара нив за да го пуштат внатре. Потоа толпата која што доаѓала, односно заминувала била во бранови, односно на моменти имало поголемо движење, на моменти имало помало движење, во одредени моменти излегувале надвор во холот кога ќе се случел некој да налета на нив и ќе ги прашал што прават тука му покажувале беџ и му викале дека се служба и дека ги работаат своите работни обврски. Од тогаш натаму сите имале разбирање и не влегувале во секретарската канцеларија. Во еден момент во холот видела тројца припадници на единицата „Желки“, тие што биле големи полицајци и ги прашале каде има тоалет. Со Елена им кажале дека и тие се движат натаму и да дојдат со нив. Тоалетот во кој што се упатиле бил на левата страна од главните скали, односно преку него се стигнувало преку хол на портрети. Кога стигнале до тоалетот биле двајца мажи и една жена полицајци, едниот кажал дека е повреден и дека му треба завој затоа што во спротивно ако не ја врзе раката немал да може да употребува оружје, па одговорила дека знае каде има завој и ќе оди да земе. Со трчање се упатила во амбулантата на Собранието која што се наоѓала на приземјето и од таму сестрата и дала два завои. Видела дека во амбулантата имало неколку пратеници, но не успеала да види кои бидејќи било темно. Веднаш се вратила на првиот кат пред тоалетот и му ги предала завоите на полицискиот службеник, потоа се вратила назад во канцеларија. Кога влегла во секретарската канцеларија, едната од колешките, Г., била видно вознемирена од целата атмосфера особено затоа што веќе се чувствувало нетрпение кај масата луѓе која што влегла и затоа што почнал да се распоредува полициски кордон зад металната врата која што е десно од свечените сали, односно лево од секретарската канцеларија. Наведе дека истата таа секретарска канцеларија е поврзана со врата од едната страна со „Длаборез“, а од другата страна со врата која што води до соседна канцеларија. Од таа врата влегол Началникот Ѓошевски и им кажал дека масата луѓе веќе станувала насилна и дека ќе биде потребно да ги обезбедат вратите од секретарската канцеларија. Истото го направиле со употреба на двете бироа со помош на Началникот и Иван и ја затвориле вратата од внатрешна страна, при што наведе дека истото го кажува затоа што вратите генерално во кабинет не биле обезбедени од надворешни удари, односно со минимална употреба на сила можело да се отвори било која врата. Наведе дека нејзината колешка Г. била веќе видно вознемирена и плачела, а од другата страна, односно од холот веќе се слушале удари метал на метал, пцовки насочени кон полициските службеници, кршење стакла и во еден момент се слушнала пукотница, па лаички помислиле дека тоа е солзавец после што со одобрение на Претседавачот В. сите влегле во канцеларијата на Претседавачот В., а

внатре бил и пратеникот М. . Како влегувале ударите по вратите се засилувале, а откако влегле внатре Началникот Горан останал надвор со екипата за да ја одврати толпата која што веќе била влезена во „Длаборез“. Од тоа што можела да го види од местото каде што стоела, Началникот Ѓошевски му кажал на Претседавачот В. и на М. да излезат на вратата за да толпата види дека внатре нема никој што бил скриен. По кратко време В. и М. се појавиле на вратата и толпата како да стивнала, но тоа траело многу кратко, а потоа видела копје од знаме метално како паднало пред вратата и се слушнало дека Началникот е повреден, па истиот го внеле во канцеларијата на В., не бил сеуште освестен, а по кратко време дошла и медицинска екипа и му укажала прва помош. За сето време тие биле внатре во канцеларијата, а од надвор се слушале се погласни и погласни викотници и во даден момент се слушнала пукотница, а потоа се почувствувала миризба и штипење на очите. По кратко време се стишале викотниците надвор и заклучиле дека веројатно толпата е разбиена. По извесно време во просторијата на Вељаноски влегле Ѓ. и Т. и кажале дека пратениците биле веќе подготвени за евакуација, на што Вељаноски одговорил „кога ќе се евакуираат сите пратеници ќе ја евакуирате и службата, а на крај ќе си заминам и јас“.

Сведокот во својот исказ зборува за настаните од 27.04.2017 година, за состојбата во Собранието и за тоа дека во внатрешноста на Собранието имало многу народ кој бил агресивен. Меѓу останатото истата појасни дека имало повредени овластени полициски службеници, но имало и повредени пратеници.

Сведокот Ж.Д. во својот исказ наведе дека на 27.04.2017 година бил вработен во Собранието на РМ на работно место Секретар на Собранието. Истиот зборува за неговото познанство со тогаш обвинетата, а сега амнестирана Елена Доцевска Божиновска, заради што судот воопшто нема да се осврне на неговиот исказ, а освен тоа истиот ништо не наведе во врска со самите настани на ден 27.04.2017 година.

Сведокот С.У.С. во својот исказ наведе дека на 27.04.2017 година била Раководител на сектор Кабинет на Претседател на Собранието на РМ. Истакна дека тој ден, 27.04.2017 година по ништо не се разликувал од претходните денови, во тек била конститутивната седница и се било онака како што било и претходните денови. Сведокот појасни дека правилото, односно постапката за закажување на прес конференции била на тој начин што пратеникот или пратеничката група која што планирала да одржи прес конференција доставувала барање до Генералниот секретар на Собранието на РМ кој што го одобрувал тоа барање и притоа ги известувал некои сектори во рамките на службата на Собранието,

доставува известување по факс до Кабинетот на Претседателот за закажана прес коференција, ја информира „Режијата“ во рамките на службата затоа што за да се одржи една прес конференција требало да се овозможат и технички услови, односно да се стави во функција опремата во Прес центарот, потоа го известува Одделението за информирање што било во рамките на службата во Собранието затоа што тоа одделение понатаму проследувало до медиумите дека е закажана Прес конференција, од кого и во колку часот. Наведе дека работните простории на Кабинетот на Претседателот се наоѓаат во рамките на свечениот дел во Собранието на РМ, тој дел се простира на приземје и први спрат, на први спрат во свечениот дел на Собранието се наоѓаат работните простории на Претседателот, работните простории на Кабинетот на Претседателот и сала „Длаборез“. Оттука имало двокрилни скали кои што се симнуваат во долниот дел на свечениот дел на Собранието каде што се наоѓа Пленарната сала и останати други сали каде што се одржувале работни состаноци. Во свечениот дел каде што се наоѓаат просториите на Кабинетот на Претседателот имало еден долг ходник од кој што преку стаклена врата се излегувало од тие простории и таа стаклена врата се отварала или со службена картичка или ја отворало обезбедувањето на Кабинетот на Претседателот. Наведе дека кога ќе се излезе низ таа стаклена врата има проширување, од десна страна има скали за евакуација преку кои се излегува и влегува, односно во средиштето всушност на зградата и од тоа проширување почнувал долг ходник, не знае точно 20, 30 метри, во тој ходник имало друго проширување, на кое има нова врата која што продолжува понатаму во делот на Собранието кое е право. Од десна страна има скали кои што водат кон влезот „Винар“, потоа скали кои што водат на вториот спрат, лифт и покрај лифтот има уште 3-4 скалички како што се продолжува, од десна страна следува нова врата преку која што се влегува и се доаѓа до холот или ходникот пред Прес центарот од една страна и од друга страна е една од работните сали, Сала 4 мисли дека е таа од лева страна, односно кога се стигнува во ходникот, од десна страна е Прес центарот, од лева страна Сала 4 и од тој ходник има следна нова врата каде што почнуваат скали само надолу кои што водат во просторот пред Пленарната сала. Појасни дека електричната врата од која што се напуштал Кабинетот на Претседателот ја отворало обезбедувањето, внатрешното обезбедување на Собранието, односно дека внатрешното обезбедување на Собранието имало една мала канцеларија која се наоѓала веднаш до просториите на Кабинетот на Претседателот на Собранието, тоа било пропишано работно место во рамките на нивната внатрешна систематизација, односно секогаш имало член од внатрешно обезбедување на Собранието и тоа би требало да ја отвара таа електрична врата, но во рамките на работните простории на Кабинетот секако дека имало и една канцеларија која што ја користел шефот на личното обезбедување на Претседателот на Собранието и таа просторија била првата веднаш до неа, поточно првата канцеларија внатре веднаш

после електричната врата и истата била канцеларијата на шефот на личното обезбедување на Претседателот на Собранието. Истакна дека Претседателот на Собранието не одржувал прес конференции во Прес центарот на Собранието на РМ. Во рамките на просториите на Кабинетот имало специјален дел наменет за одржување на прес конференциите на Претседателот и тој дел го користел само Претседателот на Собранието и евентуално странски гости и делегации заедно со Претседателот на Собранието.

Сведокот во својот исказ единствено го опиша начинот на закажување на прес конференции во Собранието, а воедно даде опис на просториите кои ги користи Претседателот на Собранието.

Сведокот Б.В. во својот исказ наведе дека на 27.04.2017 година работела во Кабинетот на Претседателот на Собрание каде работи и денес, односно од 2009 година е во Собрание и до денес. Со оглед дека овој сведок на 27-ми април после работното време не била на работа, не била сведок на настаните кои се случија во Собранието судот воопшто нема да го анализира нејзиниот исказ.

Во поглед на доказите кои беа предложени од страна на тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Богдан Илиевски и кои беа изведени судот воопшто нема да се осврне на исказите на сведоците П.И., И.О.П., Т.Ј. и М.И. од причина што истите зборуваа за нивното пријателство со тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Богдан Илиевски и за нивното учество на протестите и како истите се одвивале. За настаните внатре во Собранието на ден 27.04.2017 година ништо не наведуваат па нивните искази воопшто не допринесуваат за утврдување на фактичката состојба. Воедно во текот на доказната постапка беше презентирана и снимка на ЦД 03/18 насловена како „Говори 27 април пред Собрание“, но судот и на овој доказ нема да се осврне од причина што станува збор за говори на Богдан Илиевски кој е амнестиран.

Во поглед на доказите кои беа предложени од страна на тогаш обвинетиот, а сега амнестиран Владо Јовановски судот нема да се осврнува од причина што истите се однесуваат исклучиво на неговите дејствија во Собранието и за негов сторен сообраќаен прекршок, а истите не допринесуваат за утврдување на фактичката состојба.

Во текот на доказната постапка беше изведен доказот предложен од обвинетиот Игор Југ, а станува збор за презентација на видео снимка од Прес конференцијата на сослушаниот сведок Д.М. од 30.04.2017 година и која е насловена како „М.: криминалци и убијци беа пратени во Собранието, ќе одговараат со нарачателите!“, а кое е запишано на ЦД

1.Се работи за Прес конференција одржана на ден 30.04.2017 година, а која ја држи сослушаниот сведок Д.М., а тогашен Пратеник во Собранието на Р.М., истата е со траење од 09 минути,31 секунда. На снимката со време 01:48 сведокот Д.М. презентира слика од сега обвинетиот Игор Југ, една со Н.Г. од 2003 година и една слика од Собранието од 27.04.2017 година и истиот наведе „Ова на сликата е Игор Југ со усташки симболи, Претседател на така нареченото Македонско патриотско здружение „Владо Горгиев Черноземски“ суден за силување, убиство, дрога и физички напад.“ Всушност обвинетиот со овој доказ сака да го дискредитира сведокот Д.М. во смисла дека истиот не ја зборува вистината, но судот во поглед на исказот на наведениот сведок веќе се произнесе претходно и наведе зошто поклони верба на исказот на овој сведок. Воедно, во поглед на околноста дали обвинетиот Игор Југ е осудуван или не, судот исто така претходно се произнесе.

Судот ги ценеше исказите на сведоците предложени од страна на обвинетиот Александар Василевски-Нинџа, па така сведокот В.А. наведе дека го познава обвинетиот Александар Василевски Нинџа. Појасни дека како име му е познато повеќе години, како дел од медиумите, дел од градска средина, а лично го познава две или две и пол години, се запознале случајно во теретана. Наведе дека со обвинетиот се запознал пред тој да стане Директор на УБК, не знае колку точно пред тоа, можеби недела или две, можеби и еден месец пред тоа, меѓутоа дали обвинетиот Александар бил предмет на работа на службата или дали некако бил вклучен во нејзиното работење, дали помагал или дали бил вработен, наведе дека се повикува на одредбите од ЗКП во делот на тајност на податоците. Појасни дека согласно законите, согласно правилници, деловници за работа, во УБК секој податок е класифициран со одредена класификација, па во тој дел ако навлезе тоа би значело дека навлегува во кршење на законот. Наведе дека не знае колку средби имал со Александар Василевски, всушност не знае како да одговори, за приватно среќавање, за случајни средби на некое место во град, може да одговори. Истиот наведе дека тој бил директор на УБК, а неговиот мандат завршил петнаесет дена после промената на власта, петнаесет - дваесет дена, тоа значи дека станува збор за 2017 година, односно дека мандатот му завршил тогаш, а за директор бил назначен во месец септември 2016 година. Појасни дека на 27.04.2017 година бил на работа некаде до шест и пол, потоа тргнал на ракомет, прво отишол во Центар, се задржал кратко, пиел кафе, па отишол на ракомет, колку што се сеќава тоа било сигурно после шест и пол, не знае точно кое време, меѓутоа сигурен е дека на работа бил до шест и пол, после отишол на ракомет, а кога стигнале до пред салата, тогаш мисли дека почнал упадот во Собрание, влегување на масата во Собрание. Напомена дека не може точно да се сети за времето, има потреба да се исконсултира со обезбедувањето, мисли на луѓето од обезбедувањето и сигурен е дека тие знаат подетално да кажат за саатнината. По однос на тоа што тој превземал како директор на УБК во врска со настаните од 27 април, наведе дека УБК како институција била

вклучена, но за тоа што тој може да зборува тоа е и јавно објавено, мисли дека е декласифицирано, нема доверливост, нема степен на класифицираност. Појасни дека МВР формирало Оперативен штаб по однос на протестите кои што се одвивале, тоа се протестите „За Заедничка М.“, така се викала групата на настаните и по однос на заклучоци од штабот во рамките на Министерството, УБК постапувала согласно Оперативната акција која што била отворена. За тоа имало и телеграми издадено и секој оддел, секоја управа во УБК постапувала согласно законските надлежности и согласно насоките од Оперативниот штаб.

Судот не поклони верба на исказот на сведокот од причина што неговиот исказ е конфузен, нејасен. Истиот не даде никакво појаснување за настаните од 27.04.2017 година, ниту пак за ангажираност на обвинетиот Александар Василевски Нинџа за потребите на УБК.

Сведокот В.П. наведе дека на 27-ми, некаде околу пладне бил со неговата ќерка во „Сити Мол“, околу два сат, три саат, не може точно да се сети, му се јавил на Александар, го прашал каде е, му рекол да се видат за да части ручек Александар. На ова Александар му одговорил дека може да се видат и му рекол да се најдат во „Дион“, „Соул Кичен Дион““ на Кејот. Истакна дека додека со Александар Василевски биле во„ Дион“ на ручек, таму имало многу луѓе, терасата била полна, таму биле и Кољо, М., за други не може да се сети, ги познава само овие што ги кажал. Се сретнале таму, седнале, ручале, а после извесен период таму дошла и жената на Александар. Потоа Александар станал и со жена му отишле накај Тренд, но не знае колку време Александар бил во друштво на жена му, не се сеќава. Наведе дека додека седел во Дион и додека ручале, не видел Александар да вади пари од џеб и да ги даде на некого ниту пак Александар повикал некого, не повикал никакво лице, па ни лице по прекар „Шеќер“. Откако се вратил Александар сведокот сакал да си оди дома, а бидејќи бил со кола, Александар побарал од него да го префрли до штабот на ВМРО ДПМНЕ партијата, па така заедно тргнале, стигнале до штабот, се паркирале доле во гаражата. Александар се качил горе на третиот кат, а тој останал да го чека бидејќи тоа Александар го побарал од него, па додека го чекал, седнал во бифето што било тука во близина. Наведе дека не се сеќава колку време го чекал, но се сеќава дека во бифето имало повеќе луѓе, имало и луѓе од обезбедување, не ги познава сите. Во бифето имало големи телевизори и имало емитување директно од случувања од протестот, а го видел и моментот кога се случил упадот во Собранието, кога толпата сакала да влезе во Собранието, тој сеуште бил во бифето и сето ова го гледал. После извесно време тој се уште бил таму, откако се случило тоа, Александар му се јавил и му кажал дека се симнува и да го чека кај колата. Сведкот се симнал, тука дошол и Александар, сведокот мисли дека дошол заедно со бившиот Директор на УБК кој на главата имал капче. Појасни дека колата ја оставиле тука, тој му рекол да не си оди, му рекол од радозналост да одат и да видат што се

случува. Се упатиле пешки, поминале покрај „Триумфална капија“ преку „Жена парк“ кај Градска болница, мисли дека тука дошол со „Голф 5“ Н.Б. . Се тргнале на страна со Александар, нешто разговарале, сведокот се задржал тука кратко време, а потоа си заминал, ја земал колата и си отишол дома. Наведе дека не знае кога заминал дома, не може точно да се сети во колку часот било тоа, знае дека заминал по извесно време откога се случил упадот во Собранието, дали после еден саат или два, не знае точно да каже. Појасни дека таму имало многу гужва, имало толпа народ, а имало и Брза помош. Воедно наведе дека додека биле со него во Жена парк, Александар се видел со началникот на Петта управа, тоа бил човек со брада, за него мисли дека е Г.Г., појаснува дека тоа е човекот кој сега се наоѓа во Г., а со „Прскач“, Александар се видел кај Градска болница. Истакна дека Александар се познава со В.А. и тоа се познава доволно добро, а знае дека В.А. е директор на УБК, мисли дека биле блиски, имале контакти, но ништо повеќе не може да каже бидејќи тој не присуствувал на нивните средби. Не знае точно од кога се познаваат тие двајца, не може да се сети, не е сигурен дали се познаваат од времето пред да стане В. директор или по неговото стапување на функцијата, но знае дека Александар бил „нешто“ ангажиран од УБК, а ова му е познато бидејќи за тоа Александар сам му има кажано, а поточно му кажал дека е од Петта управа ангажиран. Појасни дека тој го однел Александар со свое возило во штабот на ВМРО, сигурно тоа било околу 6 часот, но не знае точно, а се сеќава дека Александар таму се задржал најмалку 1 час, а можеби и 2 часа, но со сигурност не може да каже. Воедно наведе дека не може да се сети дали на 27.04.2017 година воспоставил било каков контакт со обвинетиот Никола Митревски.

Сведокот во својот исказ јасно посочи дека обвинетиот Александар Василевски Нинџа на 27.04.2017 година бил во „Дион“, а воедно посочи дека лично тој го однел обвинетиот во штабот на ВМРО ДПМНЕ што е во склад и со исказот на самиот обвинет. Воедно од неговиот исказ јасно произлезе дека овој обвинет навистина соработувал со УБК и се познавал со В.А. кој за време на настаните беше директор на УБК, а имал контакти и со Г.Г. и со Н.Б., а сето ова е повторно во склад со исказот на обвинетиот. Меѓутоа судот не поклони верба на исказот на сведокот во делот каде зборува дека обвинетиот не дал никому пари од причина што ова е спротивно на останатите изведени докази, па судот смета дека истиот даде ваков исказ со цел да му помогне на обвинетиот.

Сведокот Б.В. појасни дека на 27.04.2017 година бил на службен пат во В., Република А. и додека бил таму се слушнал со неговиот брат, обвинетиот Александар Василевски. Разговарале за семејни работи, поточно разговарале за здравјето на нивната мајка, а разговорот траел кратко. Појасни дека секогаш кога е на службен пат, комуникацијата со Александар е таква да Александар му праќа прво порака на телефон, а дури потоа разговараат, ова од причина што сведокот е на службено патување, има работни обврски, па поради тоа Александар внимава на

комуникацијата со него како не би му пречел во работните активности. Наведе дека тој ден во временски период од 16,30 до 17,00 часот, тој добил порака и одговорил на ист начин, со порака, значи дека добил, а потоа и пратил порака.

Сведокот кој е брат на обвинетиот единствено зборува за начинот на нивната комуникација кога тој е на пат, а на ист начин комуницирале и на 27.04.2017 година. Сепак судот смета дека неговиот исказ е пристрасен со цел да му се помогне на обвинетиот, заради што не поклони верба на истиот.

Сведокот Д.Д. наведе дека тој има повеќе прекари, а обвинетиот Александар Василевски има прекар, тоа е „Нинџа“, а има и псевдоним „Самурај“. Појасни дека со Александар се познава од градот, воедно познато му е дека бил ангажиран од УБК, не може да тврди, но може да посочи лица кои го ангажирале за помош за некои оперативни операции, колку што му е на него познато, односно има сознанија за две реализации, од тие причини од неговите претпоставени му било кажано дека лицето е нивен соработник и ќе биде под псведоним „Самурај“. Појасни дека сега не е вработен, а не е вработен токму поради настаните од 27.04.2017 година. Наведе дека тој на 27-ми бил службено ангажиран со наредба, а бил ангажиран стриктно од неговиот претпоставен за конкретна задача и за конкретна цел. Појасни дека дента бил ангажиран на друга оперативна задача со друго лице кое било исто колега од МВР за која оперативна задача знаеле и претходниот Директор Љ.А. како и В.А., Министерот за внатрешни и повеќе лица раководни во УБК. Таа оперативна активност се одвивала на од прилика 80-90 км надвор од С., а со оглед дека задачата била обемна поради тоа морале да се задржат до попладневните часови. Првиот повик од неговиот претпоставен го добил некаде околу 17:30 часот, при што го прашал каде се и како се, на што сведокот му одговорил дека се е во ред и дека тоа што требале да го сработаат го сработиле, по што претпоставениот му рекол да се враќаат назад, им рекол полека да се симнуваат надоле, а ваквото обраќање на претпоставениот за сведокот било невообичаено. За кратко време по овој разговор добил повик, му се јавил и друг претпоставен, колку што се сеќава добил повик и од В.А. кој исто така го прашал како се и до каде се со работата, а околу 17,50 часот бил повикан од неговиот претпоставен кој при овој повик му наредил да се симне надоле зашто претпоставениот имал потреба од него. Сведокот го прашал што е работата, што е толку итно, зошто му треба, посебно кога знае каде сведокот бил испратен, зошто бил таму на тоа место и посебно кога знаел дека местото на кое се наоѓа сведокот е оддалечено од С. и тој во никој случај не можел да се врати за 5 минути. Истакна дека бил повикан од лицето Н. Б., му кажал дека стигнал и дека е спремен да одговори на задачите кои се потребни  да ги изврши, на ова Б. му рекол „ќе се упатиш пред Собрание, но од западниот дел на Собранието што гледа од страната према домот на Армијата, ќе го видиш таму другиот твој претпоставен и он ќе ти ги даде конкретните цели и задачи, отприлика

знаеш за што се работи, но он ќе ти каже конкретно“. Појасни дека покрај описот и пописот на работното место, морале да извршуваат задачи од шефот кои ќе им бидат зададени, но кои не претставуваат кривично дело, така да тој морал да види за каква задача станува збор. Сведокот го појаснува неговото доаѓање до Собранието, па наведе дека кога излегол од базата, тој ја пуштил станицата, радио врската со која тој лично бил задолжен од МВР, била пуштена на канал 1. При неговото движење слушнал веќе на станица што се се прави пред или во Собранието. Кога стигнал таму, го сретнал неговиот претпоставен кој веднаш му дал конкретна задача која што сведокот требало да ја заврши. Неговото присуство таму било некаде од околу 18:50 до 19 и 40 часот, за тоа време тој си ја завршил неговата работа. Во текот на извршувањето на неговите задачи, од група разбеснети граѓани или изреволтирани, имало обиди да го пробијат кордонот кој цврсто и машки се бореле да го одбранат, а станува збор за западниот влез на Собранието, од страната на дом на АРМ. Појасни дека за време на протестите пред ДИК, Александар Василевски давал оперативни известувања на Н.Б., а оваа иннформација ја добил од Б., но не може да тврди дека тие контактирале меѓу себе и не знае какви се задачи му биле пренесени од Н. Б., но се сеќава дека во неколку наврати му кажал дека за тој ден имало некакви обиди за некаков упад и дека сите сознанија ги добил од Б., а тој ги добил од Александар Василевски Нинџа. Нагласи дека морално, одговорно и кривично тврди дека лицето Александар Василевски Нинџа има влезено во базата на Управата за безбедност и контраразузнавање, може да потврди за две посети и тоа кога лично Б. го има донесено Александар во базата, а кога сведокот прашал, бидејќи Нинџа го познавал од градот, Б. му одговорил дека тој е нивен соработник и помагач за определени операции. Сведокот тврди дека имало и две реализации и тоа благодарение на Александар Василевски, а за кои имало изготвено документација во Управата за безбедност и контраразузнавање во врска со неговото инволвирање и помагање во УБК. Н. Б. му потврдил на сведокот дека Александар Василевски ја посетил и базата во Петровец, меѓутоа сведокот не се сеќава дали таа посета била остварена во негово присуство, но има информација од неговиот претпоставен дека Александар ја посетил и таа база и од таа база исто делувале за утврдување на некакви цели на УБК. Појасни дека кога Александар дошол во базата во МВР, покрај сведокот, таму биле присутни и други лица кои сеуште се таму вработени, тоа се негови колеги кои исто така го виделе Василевски кога дошол во базата. Сведокот напомена дека не бил во станот на Александар Василевски заедно со Јане Ченто во почетокот на месец мај 2017 година и не знае дали УБК била известувана за оперативните активности на Александар Василевски за периодот од 2015 до 2017 година.

Сведокот во својот исказ меѓу останатото зборува за ангажираноста на обвинетиот Александар Василевски Нинџа за потребите на УБК, кое е во склад и со исказот на самиот обвинет. Истиот појасни дека овој обвинет бил ангажиран од УБК за повеќе акции, при што тој лично знае за две

успешно реализирани акции со помош на обвинетиот. Воедно тој зборува и за агресивноста на масата народ на ден 27.04.2017 година.

Дел од оваа постапка беа и тогаш обвинетите, а сега амнестирани Стефан Младеноски, Михаел Младеноски и Захарие Симовски и истите додека беа со својство на обвинети изнесуваа своја одбрана, односно беа испрашувани директно од нивниот бранител, но секако им беа поставувани и вкрстени прашања. Иако тие се веќе амнестирани сепак судот ќе се осврне на дел од нивните искази и тоа оние делови каде што се опфатени дејствија на останати обвинети. Притоа, судот ги ценеше наводите на одбраната дека овие лица исказите ги давале кога имале својство на обвинети, а обвинетите можеле и да лажат, односно да не ја зборуваат вистината заради што и не треба да се земаат во предвид нивните искази. Меѓутоа судот мора да нагласи дека нивните искази се совпаѓаат меѓусебно и судот ценеше дека истите се во склад и со останатите изведени докази, а притоа нивните искази допринесуваат за утврдување на фактичката состојба. Од исказот на Стефан Младеноски неспорно произлезе дека обвинетиот Александар Василевски Нинџа е близок пријател со В.А. кој што во тоа време бил Директор на Управата за безбедност и контраразузнавање. Обвинетиот Александар Василевски Нинџа го запознал Стефан лично и со Н.Б. викан „Прскач“ и тоа вечерта на изборите во 2016 година пред Централниот штаб на ВМРО ДПМНЕ каде биле присутни и В.А. како и лице вработено во УБК викано „Боксер“. Воедно, истиот во својот исказ наведува дека Александар Василевски Нинџа му кажал дека доколку бидат одбиени приговорите на ВМРО ДПМНЕ насоките од В.А. биле да се упадне во зградата на ДИК насилно, а ќе има и лица кои ќе треба да фрлаат молотови коктели. На овие средби присуствувал и обвинетиот Никола Митревски Кољо. Воедно истиот дава осврт и на настаните од 27 април 2017 година при што наведува дека повеќе лица биле во „Дион“ каде што Александар Василевски Нинџа ги известил дека „Денес е денот“. Воедно токму од неговиот исказ произлезе дека обвинетиот Александар Василевски му дал парични средства на обвинетиот Никола Митревски Кољо со цел да бидат купени маски и токму Стефан бил со Никола Митревски во „Камуфлаж“ каде што отишле со мотор и ги купиле маските. Делот од исказот каде што зборува дека кесата со маски му ја покажал на обвинетиот Александар Василевски Нинџа и Нинџа ги видел какви се маските, а ова се поклопува и со снимката од Видео запис „Над Дион“ камери Стопанска банка во време 16:51:06 каде што овој обвинет гледа во кеса, но обвинетиот Александар Василевски и по втор пат дал пари да се докупат уште 30 маски кои што биле купени од страна на Стефан и лице со прекар „Шеќер“. Обвиентиот Александар Василевски бил тој кој што се јавувал на патриотските здржениија и ги повикал во С. при што меѓу првите пристигнале членови од здружението „Тодор Александров“, а потоа од здружението „Ќосето“ меѓу кои бил и обвинетиот Горанче Анѓеловски, а потоа пристигнале и од здружението „Черноземски“. Неспорно е дека обвинетиот Александар Василевски го напуштил „Дион“, потоа се вратил, кој исказ е во склад и со снимките кои

што се претходно наведени. Неспорно од снимките произлезе дека поголема група луѓе која што беше пред „Дион“ се движеше низ ГТЦ и токму оттука таа група замина пред Собранието, а за ова зборува и Стефан Младеноски во својот исказ. Исказот на Стефан во делот дека лице од внатрешното обезбедување разговорало со обвинетиот Никола Митревски Кољо и се движел паралелно со нив, а од изведените докази произлезе дека тоа е обвинетиот  Горан Ѓошевски, а кога стигнале пред стаклена врата тоа лице тргнало да ја отвори вратата со картичка, но во тој момент Никола Митревски ја скршил вратата, а ова е повторно и во склад со снимките за кои судот даде осврт. Точно на снимките се забележа дека обвинетиот Никола Митревски во еден момент им се обраќа на новинарите, а за тоа зборува и Стефан Младеноски. Неговиот исказ повторно е во склад со снимките и во делот каде што зборува за лице со цивилна облека со вперен пиштол во нив, а тоа е всушност обезбедувањето на О.С., сведокот С.Т., кој што е удрен од страна на обвинетиот Никола Митревски, па и во овој дел неговиот исказ е во склад и со снимките. Стефан Младеноски меѓу останатото се осврна и на моментите кога е повреден А.Ј. и имено појаснува дека токму обвинетиот Никола Митревски Кољо е тој што го повредил А.Ј. кој што од тој удар летнал преку масата. Од повеќе докази призлезе дека во „Жена Парк“ кај споменикот Прометеј биле обвинетите Александар Василевски, Никола Митревски Кољо, Игор Југ и други лица кои што беа пред „Дион“, а за ова зборува и Стефан Младеноски. Воедно, истиот истакнува дека кај Градска болница обвинетиот Александар Василевски Нинџа се сретнал со Н.Б. кој бил дојден со возило кое нешто не го оспорува ни обвинетиот Александар Василевски.

Михаел Младеноски исто така појаснува дека го запознал В.А. токму преку обвинетиот Александар Василевски Нинџа, кој му кажал дека е негов близок пријател. Воедно истиот како и Стефан Младеноски зборува за протестите пред ДИК и дека ќе треба да се дејствува со молотови коктели врз зградата на ДИК за што била договорена и шифра за дејствување кон зградата на ДИК, а се работи за шифра „1“, додека шифрата „0“ било знак ситуацијата да остане иста. Истиот зборува и за познанството и честите средби на обвинетиот Алексанадар Василевски Нинџа со луѓе од УБК, а токму тие лица во негово присуство соопштиле дека треба да се започне со протести кои што логистички биле поддржани од ВМРО ДПМНЕ. Михаел Младеноски меѓу останатото зборува и за комуникацијата на обвинетиот Александар Василевски Нинџа со патриотските здруженија. Меѓу останатото истиот зборува и за критичниот ден 27 април нагласувајќи дека уште во месец февруари слушнал од Н.Б. дека ситуацијата ќе ескалира, односно народот ќе влезе во Собрание и тоа во оној момент кога новото мнозинство ќе се обиде да избере Претседател на Собранието, а притоа ќе се издејствувало полицијата да не дава отпор, тие што ќе бидат на лице место нема да пружат многу отпор со исклучок на некои кои ќе пружат отпор при што мисли дека се работи за присуство на полиција од околу 100 лица, но нагласи дека било кажано

дека припадниците на полицијата кои што не би биле погодни ќе бидат пуштени на одмор или да користат слободен ден. Неговиот исказ е во склад и со изведените докази и тоа снимките, па истиот појаснува дека бил во „Дион“ уште во поладневните часови, а таму биле обвинетите Александар Василевски Нинџа и Никола Митревски Кољо, при што обвинетиот Александар Василевски телефонски повикувал луѓе од другите градови ги прашувал до каде се, како се, каде се, дали се тргнати, а непосредно после тоа почнале да пристигнуваат лица со обележја на патриотските здруженија при што повеќето носеле маици. Михаел Младеноски нагласи дека токму обвинетиот Александар Василевски му дал пари на Никола Митревски Кољо кој што заедно со неговиот брат Стефан Младеноски биле во „Камуфлаж“ каде купиле маски фантомки, но со оглед да биле во недоволен број повторно Алекасандар Василевски Нинџа дал пари, но овој пат на лице со прекар „Шеќер“ кој што заедно со Стефан биле во „Камуфлаж“ и купиле уште 30 маски. Како што и на снимките се виде дека Александар Василевски Нинџа го напуштил „Дион“ за да повторно се врати и повторно некаде замине, за ова зборува и Михаел Младеноски, а повторно неговиот исказ е во склад со снимките и во делот за движењето на групата од задниот дел на ГТЦ преку „Жена Борец“ до Собранието. Тој заедно со масата народ влегол во Собранието и бил пред Прес салата и истиот го опишува исто како и Стефан Младеноски делот за обезбедувањето на О.С., С.Т. кога бил со пиштолот во рака и ударот што го добил од Никола Митревски Кољо, но зборува и за оние моменти кога обвинетиот Никола Митревски Кољо го турка А.Ј. и неговиот пад на масите. На повеќе снимки како што е претходно појаснето се виде тепањето на пратениците и како кон нив се фрлаат најразлични предмети додека тие стојат во еден ќош, а ова го опишува и Михаел Младеноски. По краткото задржување во Собранието отишол во „Жена Парк“ кај споменикот на Прометеј каде што биле обвинетите Александар Василевски Нинџа, Горанче Анѓеловски, Јане Ченто, Игор Југ, Младен Додевски, како што вели тој практично сите кои што биле во „Дион“, а заедно со него биле и неговиот брат и Захарие Симовски. Истиот зборува и за доаѓањето на Н.Б. со возило пред Градска болница каде што се сретнал со обвинетиот Александар Василевски Нинџа, па исто како и Стефан Младеноски наведува дека во возилото имало оружје, панцирни елеци, пиштоли и автоматско оружје. Михаел Младеноски како и неговиот брат Стефан Младеноски зборува дека им било кажано дека во вечерните часови Претседателот И. ќе прогласи воена состојба, а дека воена полиција веќе имала блокирано пристап кон С. . Истиот истакна дека токму обвинетиот Младен Додевски ги повикал од Пленарната сала да одат нагоре. Притоа истакна дека обвинетиот Александар Василевски Нинџа е токму тој кој што ја организирал и координирал групата која што била пред „Дион“, но не им дал насоки за дејствување внатре во Собранието. Од ГТЦ и околните кафичи УБК го отстранувала надзорниот систем.

Захарие Симовски зборува за познанството на обвинетиот Александар Василевски Нинџа со Н.Б., Д. со прекар „Боксер“, како и В.А. .

Тој исто како и Стефан Младеноски и Михаел Младеноски зброува за собирите пред седиштето на ДИК и дека имало план да бидат фрлани и молотови коктели, како и за неговите контакти со патриотските здруженија, но воедно истиот зборува и за критичниот ден 27 април и за собирањето на одредена група во „Дион“ каде што Александар Василевски дава пари за купување на маски од „Камуфлаж“ кои што требале да ги купат Никола Митревски Кољо и Стефан Младеноски. Воедно, истиот појаснува дека во кафе барот „Дион“ почнале да се приклучуваат припадници на патриотските здруженија, но таму биле присутни и Влатко Трајковски, Игор Југ, Горанче Анѓеловски. Појаснува дека обвинетиот Александар Василевски го напуштал „Дион“, но повторно се враќал за да во еден момент целата група од пред „Дион“ преку ГТЦ се упатиле према Собранието, при што дел од групата ставиле маски, а откако влегле во Собранието и додека биле во Пленарната сала се сретнале со обвинетиот Младен Додевски со кого се упатиле нагоре према влезот „Длаборез“. Истиот зборува и за лице кое што било нечие обезбедување кое што вперило пиштол во нив, а ова е истиот оној момент што го опишуваат и Стефан и Михаел Младеноски, а воедно зборува и за нивното влегување во Прес центарот и за фрлањето на предмети према пратениците. Тој го видел и обвинетиот Игор Југ дека носи пиштол ставен позади. Набрзо после тоа заедно со Стефан и Михаел Младеноски оди во „Жена Парк“ каде што дошле обвинетиот Александар Василевски Нинџа, Н.Б., а тука бил и Јане Ченто за кој што исто кажа дека носел оружје.

Врз основа на вака утврдена фактичка состојба судот најде дека во дејствијата на обвинетите Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски Леви, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Абдуљфета Алими, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Никола Митревски Кољо и Александар Василевски Нинџа, се содржани сите битни елементи на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од член 313 од КЗ, а во дејствијата на обвинетиот Оливер Радулов, се содржани сите битни елементи на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 в.в. чл.24 од КЗ.

Дејствие на извршување на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од член 313 од КЗ, е превземањето на општоопасно дејствие или акт на насилство. Притоа, мора да се цени факот дека општоопасното дејствие или акт на насилство треба да се такви да истите создаваат чувство на лична несигурност или страв кај граѓаните. Чувството на несигурност, страв, е всушност психолошкиот момент и ова е битна одлика што на актите на насилство им дава својство на тероризам. Неспорно е дека настаните од 27 април случени во Собранието се пренесуваа во живо на телевизиски канали, така да граѓаните гледајќи ги тие грозоморни слики, раскрвавените глави на пратениците во Прес салата, фрлањето со разни предмети кон истите,

нападот на новинарите и службените лица несомнено предзивикаа чувство на несигурност и страв. Чувството на лична несигурност може да биде загриженост, стравување, парализирачки страв и да се однесува на несигурноста на сопствената личност, личните добра, личноста и добрата на блиските лица или имотот. Покрај умислата во субјективното битие на делото како субјективен елемент на противправноста несомнено влегува и намерата за загрозување на уставниот поредок или безбедноста на РСМ. Не може кај граѓаните да не постои чувство на несигурност или страв меѓу останатото и од аспект што ќе произлезе од таквиот настан во Собранието, па незалудно овој ден е наречен „Крвавиот четврток". Сликите пред се од раскрвавените глави ќе останат врежани во сеќавањето кај граѓаните. Ова е настан кој што за жал влезе во делот на историјата на РСМ кој што ќе биде запишан со црни букви.

Од сите изведени и анализирани докази ценети пооделно и сите заедно неспорно произлезе дека на ден 27.04.2017 година обвинетите предзивикале акт на насилство во Собранието на РСМ како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт, го загрозиле животот на пратеници, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието со што создале чувство на несигурност, загрозување и страв кај граѓаните и тоа со извршување на повеќе поврзани и услогласени дејствија, а обвинетиот Оливер Радулов со умисла им помогнал на обвинетите во извршување на кривичното дело. Имено, од презентираните докази и тоа снимки, видео записи од собраниски канал, видео запис над „Дион", камери „Стопанска банка", видео запис од „Стопанска банка" со назив „Приод пред Телеком и Е-банк", снимки од повеќе камери од внатрешноста на Собранието, потоа снимки на ЦД од Алфа телевизија, видео запис од 24 Вести, Телевизија Алсат, ЦД од МТВ, видео запис со назив „Од интернет", ЦД од Сител, снимки од мобилни телефони, видео запис Телма, јасно се гледа насилниот упад во Собранието од страна на толпа народ кој што по влегувањето во Собранието почнува со насилни дејствија, пред се кршење на инвентар по ходниците во Собранието, како и во други простории меѓу кои и во Пленарната сала. Дел од разгневената толпа не застана тука, туку напротив започна со немилосрдно тепање на пратеници, новинари, овластени службени лица и вработени во Собранието.

Неспорно е дека подолг временски период пред овие настани се одвиваа протести организирани од движењето „За заедничка М." како што всушност беше случај и на критичниот ден 27.04.2017 година. Меѓутоа, овој ден бил различен од останатите денови и во поглед на составот на граѓаните кои протестирале така да во масата имало лица кои што претходно не биле присутни пред Владата, а веќе кога масата била пред Собранието имало поголем број на помлади машки лица во првите редови, во појака физичка кондиција, а имало и граѓани во маици со чудна иконографија на нив за кое нешто зборуваше токму сведокот З.С. чиј што исказ е претходно analзиран. Масата народ пред Собранието станала

агресивна во моментите откако пратеникот од политичката партија БЕСА З. И. ја отпеал албанската химна и тука судот мора да го нагласи фактот дека сведокот В. М. во својот исказ меѓу останатото истакна дека овој пратеник воопшто се немал јавено за збор, но и покрај тоа Претседавачот Т.В. му дал збор при што токму овој сведок зборува за смислено сценарио на сето она што всушност се случи на критичниот ден. Имено, тој наведе дека пеењето на албанската химна е смислено сценарио и овде судот повторно ќе истакне дека ова е во склад всушност и со Стенографските белешки од дванаесеттото продолжение на Конститутивната седница на Собранието на 27 април 2017 година.

Во ова смислено сценарио учествувале и високи полициски службеници при што судот тука повторно ќе нагласи дека меѓу овие полициски службеници бил и Горан Ѓошевски кој неспорно од снимките произлезе дека истиот води дел од насилната толпа кон Прес центарот каде што биле сместени пратениците од тогаш опозициските партии. Согласно снимката од УСБ 5 фајл 20170428191225 камера 14 со време 19:17:01 токму овој обвинет се приближува помеѓу група луѓе кои се движат во правец према Прес центарот и се гледа како со рака им покажува правец на движење надолу, а тоа е во правец према Прес центарот, потоа на истата снимка со време 19:28:16 часот, како и на многу други снимки кои што беа изведени како докази и претходно веќе се наведени. Токму овој обвинет води група на чело со Никола Митревски Кољо и притоа истиот со левата рака се упатува према левиот дел од вратата каде што е системот за отварање на вратата, но во истиот момент обвинетиот Никола Митревски со десната нога удира во вратата потпирајќи се со левата рака на обвинетиот Горан Ѓошевски по што вратата се отвара. Притоа обвинетиот Горан Ѓошевски со десната рака ги повикува луѓето надолу, а со левата рака им покажува правец на движење надоле во насока према ходникот кој води кон Прес центарот. Сето ова зборува дека станува збор за организирана акција во која што учествуваат високите полициски службеници. Иако повеќе сведоци зборуваа дека движењето во Собранието е многу тешко со оглед да Собранието е зграда изградена во форма на Пентагон и движењето во него не е едноставно за луѓе кои што првпат влегуваат во Собранието за што сведочеа повеќе сведоци, па токму затоа имаше и лица очигледно задолжени за да ја водат масата народ кон едно место интересно за насилниците, а тоа е Прес салата, место каде што имаше дел од пратениците при што поголемиот дел од нив беа членови на тогашната опозициона партија СДСМ и високи функционери во истата.

Од анализираните снимки се гледа и неадекватно однесување на останатите полициски службеници, а обвинети во овој предмет, па така во ходникот пред Прес салата и во самата сала се гледа присуство и на обвинетиот Оливер Поповски, исто така вработен во МВР, Началник за превентивно обезбедување во Оддел за заштита на определени личности и објекти. И овој обвинет е нем набљудувач на се она што се случува во

ходникот и во Прес салата, а уште повеќе истиот од страна го гледа и паднатото тело на пратеникот З.С., кој што иако паднат и понатаму е удиран, а обвинетиот Оливер Поповски не превзема никакви полициски дејствија да го спречи понатамошниот напад на С. . Воедно, овој обвинет е присутен и во холот кога се отвараат влезните врати и сето тоа го гледа повторно без да превземе никакви полициски дејствија, а за разлика од него гледаме исправно постапување од полициски службеник, а тоа е В.С. кој што веднаш ја враќа извадената заштитна греда од вратата, па обвинетиот Оливер Поповски наместо да му помогне на овој полициски службеник тој само немо го набљудува она што се случува со влезните врати. Видно од снимките, обвинетиот Оливер Поповски доаѓа од ходник Пријавница и кај стаклената врата од ходникот кај излез „Винар“ се наоѓа со С.М. за кого постапката е раздвоена, Оливер Радулов, Горанче Анѓеловски и НН машко лице кои доаѓаат од правец излез Гаражи и главен влез на Собрание, се поздравува со истите и ги води кон влез Пријавница. Посебно судот нагласува дека се гледа дека овој полициски службеник додека се наоѓа во ходникот пред Прес салата тој гледа што се случува, не превзема ништо, стои на страна повлечен иако луѓето се буткаат према вратите од Прес центарот, а меѓу нив има и лица со фантомки. Несфатливо е како висок полициски службеник може да не превзема ништо во една таква ситуација кога неспорно е дека морал да биде свесен дека тие лица што се пред Прес центарот, а посебно лицата со фантомки немаат добра намера и истиот морал да знае дека ќе следи физички напад врз пратениците. Овој обвинет го има на повеќе снимки, но сепак судот ќе ги нагласи снимките кои што беа презенетирани од УСБ 1 New folder 2 analog_1_18_55_07_04_27.1 . На оваа снимка како и на многу останати снимки се гледа однесувањето и на обвинетиот Абдуљфета Алими кој што исто така е само нем набљудувач на она што се случува во ходникот пред Прес салата непревземајќи никакво дејствие. Истиот е присутен и во холот кога се отвара влезната врата кој исто така ништо не превзема за да не дојде до отварање на вратите, туку напротив со себе ги носи и клучевите што неспорно произлезе од анализа на видео надзор од Собраниски камери УСБ 1-New folder фајл analog_13_18_44_50_04_27.0 од која што снимка јасно произлезе дека тој ги дава клучевите на обвинетиот Горан Ѓошевски од средната врата и истите паѓаат, а веднаш потоа се гледа дека толпата народ влегува во Собранието и ирелевантно е тоа што обвинетиот Горан Ѓошевски не ги употребил клучевите, битно е дека обвинетиот Абдуљфета ги дава тие клучеви што значи тој се согласува да обвинетиот Горан Ѓошевски ги употреби овие клучеви за отварање на вратата.

Неспорно е дека е формирана Оперативна акција „Платформа“ и неспорно е дека обвинетиот Митко Чавков е Раководител на Оперативен штаб и носител на златна команда и истиот бил известен за тресењето на заштитните огради пред Собранието, а потоа бил известен и дека масата народ е веќе влезена во Собранието. Меѓутоа од повеќе сведоци произлегува дека обвинетиот Митко Чавков е известен за сето ова, истиот

не дава наредба за интервенција на полицијата, такви наредби немаат дадено ниту обвинетиот Митко Пешов, Началник на Оддел за специјални полициски операции, ниту пак обвинетиот Душко Лазаров, Началник на Оддел за униформирана полиција кој што во овие моменти се наоѓал во Оперативниот штаб. Судот тука мора да нагласи дека намалувањето на бројот на полициски службеници на 27 април 2017 година било во договор со Директорот Митко Чавков кој бил Раководител на ОШ кое нешто јасно произлезе и од исказот на сведокот И. В. кој имал и повеќе телефонски комуникации со овој обвинет за време на настаните. Обвинетиот Митко Чавков бил благовремено известен дека народот пред Собранието веќе почнал да ја тресе заштитната ограда пред објектот, ја прескокнал истата, го пробиле првиот кордон и се упатиле кон сите влезови на Собранието. Дека обвинетиот Митко Чавков бил благовремено известен, а дека истиот не издавал наредби произлегува и од исказите на повеќе сведоци меѓу кои и В.Н. и Г.Ѓ., а за тоа време тој бил во Штабот на ВМРО-ДПМНЕ кое произлегува и од исказот на обвинетиот Александар Василевски-Нинџа, кои што искази беа претходно веќе анализирани, како и од листинзите на телефонот, за кои што судот даде целосен осврт. Судот претходно се осврна и на исказот на сведокот А.Н. кој во критичниот период бил Министер за внатрешни работи и од неговиот исказ покрај останатото мора да се нагласи дека истиот на ден 27 април 2017 година во 17:59 часот испратил СМС порака до Директорот на БЈБ со содржина: „Директоре дали ги следите дебатите во Собранието, има ли можност да ескалира ситуацијата, поздрав“. Во 18:03 часот добил одговор од Митко Чавков со содржина: „Нема можности, засега се е под контрола“, а во 18:04 часот добил уште една порака со содржина: „Надвор нема проблеми“. Во 18:58 часот повторно испратил порака до Директорот на БЈБ со содржина: „Директоре нема доволно полицајци, сите влезови се блокирани на Собранието“, но обвинетиот Митко Чавков не вратил на пораката, а освен тоа не одговарал и на претходните телефонски повици на Министерот. Во 19:25 часот Министерот А. Н. стигнал во Оперативниот штаб и од Душко Лазаров барал веднаш да даде наредба за евакуација на пратениците. Од ова произлегува дека од 18:00 часот Министерот не успеал да стапи во контакт со раководителот на Оперативниот штаб, а тогашниот Директор на БЈБ дури после 20:00 часот пристигнал во Оперативниот штаб, при што меѓу останатото истиот на Министерот му се обратил со зборовите: „Што мислиш, што се случува, ништо, народ се случува“. Министерот имал контакти и со обвинетиот Митко Пешов и тоа во повеќе наврати. Сведокот потврди дека златната команда е една и единствена и само едно лице може да биде златен командир, а во критичниот период тоа бил Директорот на БЈБ, сега обвинетиот Митко Чавков. Ова е во склад и со претходно наведеното Упатство за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (златна, сребрена и бронзена команда), златната команда има функција да ги развива и одредува стратешките цели и определува тактичките параметри

и е целосно одговорна за водење на криминалистичкото истражување или полициските работи. Златната команда е секогаш една и секогаш ја претставува највисокиот по функција, раководител на организационите единици кои се вклучени во водењето на полициските работи кој се нарекува златен командир. Со Упатството за изменување на Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (златна, сребрена и бронзена команда), во чл.11 ст.3 зборовите „Министерот за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите „Директорот на БЈБ", па оттука произлегува дека при водење на акции од исклучително големи размери за кои се потребни огромни ресурси и кои се одвиваат на територијата на цела држава или поголем дел од неа, односно операции во кои се вклучени и други институции и агенции се формира стратешко координативно тело кое се става на располагање на златниот командир, а решението за негово формирање го носи Директорот на БЈБ.

Сведокот К.Б. остварил контакт и со обвинетиот Душко Лазаров и го известил за ситуацијата пред Собранието во смисла дека е пробиена заштитната ограда, пробиен е првиот кордон, а масата е на вратите на Собранието со обид да се влезе во Собранието. Откако некаде околу 18:45 часот овој сведок добил информација дека дел од масата е во внатрешноста на Собранието за тоа го известил членот на Оперативниот штаб Душко Лазаров. Како што и претходно е наведено обвинетиот Душко Лазаров на 27.04.2017 година за време на настаните пред и во Собранието истиот се наоѓал во Оперативниот штаб и бил информиран за се она што се случувало, но истиот ништо не превземал, а воедно и кога во штабот пристигнал тогашниот Министер за внатрешни работи А.Н. барал веднаш да се евакураат пратениците и да се ангажираат специјалните полициски сили, но овој обвинет воопшто не постапил по барањето на Министерот.

Не може, а да не се спомнат дејствијата на обвинетиот Мунир Пепиќ во Собранието кој што иако вработен во Агенцијата за ... исто така пасивно се однесува и не само што немо набљудува она што се случува во Собранието туку истиот покажува со левата рака на лица во правец према ходникот кој води према Прес центарот при што луѓето продолжуваат да се движат поминувајќи покрај него во правец према Прес центарот, што јасно произлегува од снимката на УСБ 1 New foder 3 analog 15_19_17_54_04_27.0 со време 13:13 и 13:35. Овој обвинет не само што ништо не превзема за спречување на насилствата туку истиот и го удира пратеникот З.С. додека е паднат што многу јасно произлезе од вештачењето КО бр.59/2018 од 01.06.2018 година, а се работи всушност за видео запис каде во време 00:59 јасно се гледа обвинетиот Мунир Пепиќ свртен со лице према пратеникот З.С. кој што веќе е соборен на подот, а обвинетиот Мунир Пепиќ се пробива во првиот ред точно пред

местото каде што лежи пратеникот З.С., со нозете го клоца и тоа најпрвин со десната, па со левата нога.

Од сите изведени и анализирани докази неспорно се гледа несоодветното однесување на високите полициските службеници кои што се всушност обвинети во овој предмет. Судот тука мора да нагласи дека имало доволно индиции дека тие денови ќе се бира Претседател на Собранието, а тоа можело да значи и предизвикување на немири. Имено, согласно вештачењето на мобилен телефон од лицето Т.В. јасно произлезе дека на 26.04.2017 година во 10:58:29 часот Н.Г. препраќа порака од Митко Чавков кон Т.В., пораката е со содржина „од Чавков добро утро Директоре, да ве известам во моментов добив информација од лојален колега албанец, дека денес околу 13:00 -13:30 часот се планира нешто од другава страна" да се направи во Собрание, дали инцидент, дали со сила изгласување на Претседател на Собранието или нешто слично на тоа. Во моментов немам нови поконкретни информации освен ова, ако добијам веднаш ќе ве барам, од повеќе извори информации во тој правец". Оттука произлегува дека уште претходниот ден веќе почнале да се шират информации дека ќе се бира Претседател на Собрание. Судот мора тука повторно да се осврне на исказот на повредениот полициски службеник А.А. кој низ емотивното сведочење пропратено со солзи меѓу останато нагласи дека тој ден забележал нешто што за него било невообичаено, а тоа е дека пред Собранието има многу малку полициски службеници за разлика од претходните денови. Притоа, на влезот „Винар" неговиот колега З.С. кој бил од надворешното обезбедување на СВР С. и е старешина му кажал дека има малку полициски службеници затоа што многу се пуштени да ги користат старите годишни одмори. Тој исто така појаснува дека масата пред Собранието била многу агресивна, почнале да викаат, во еден момент почнале да ја туркаат оградата пред Собранието и откако ја турнале се упатиле кон главниот влез на Собранието. Истиот наведува дека нападите врз нив изгледале како да се командувани од некого, а според него таргет биле З. З., О. С., З. С., П. Ш., М. Д., Љ. Н., Д. М., а истиот слушнал кога била дадена наредба „убијте ги", па зарем сето ова не зборува доволно дека се работи за однапред организирана акција. На самиот 27 април пред граѓаните да влезат во Собранието, во самото Собрание има пеење од пратеникот З. И. на албанската химна, а набрзо после тоа отпочнува постапката за избор на Претседател на Собранието, па ова секако требало на надлежните да им укаже дека постои безбедносен ризик. Но и покрај тоа обвинетите Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров не превземаат ништо за да се спречи насилното влегување на толпата народ во Собранието. Народот влегува во Собранието во 18:50 часот, претходно има туркање на оградите, а Митко Пешов дури после 19:00 часот трга од К. за С. . Токму затоа судот повторно ќе го нагласи исказот на сведокот Д.М. чие што сведочење беше многу емотивно и истата меѓу останатото вели „ Она што беше различно тој ден од сите други денови претходно, беше обраќањето на тогашниот лидер на опозицијата З.З. од собраниската говорница. З. отворено најави дека

мнозинството во Собранието е на крај на трпението, како што кажа и дека согласно како што рече процедурите ќе го избере новиот Претседател на Собранието бидејќи има доволно гласови за тоа. По неговото обраќање се вжешти атмосферата во однос на напнатост, нервоза, раздвижување меѓу пратениците, особено во пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, бидејќи З. најави дека ќе го бираат Т.Џ., меѓутоа не кажа кога, не кажа каде, не кажа како". Зарем ова што го забележал сведокот кој е новинар, а не полициски службеник за искусни полициски службеници не беше предзнак дека нешто ќе се случува тој ден. Сето ова зборува дека требале да бидат превземени конкретни мерки за спречување на насилниот упад во Собранието.

Меѓу обвинетите полициски службеници е и обвинетиот Оливер Радулов кој што од изведените докази неспорно произлезе дека на 27.04.2017 година бил во внатрешноста на Собранието, а поточно истиот заедно со обвинетиот Сашо Марковски за кого што постапката е раздвоена влегол во мониторинг собата од каде ги одзеле хард дисковите, а се со цел да се уништат снимките од камерите во Собранието, за да нема докази за она што се случуваше во Собранието.

Дека сето она што се случуваше во Собранието на ден 27 април било претходно добро организирано, обмислено и финансирано во својот исказ зборуваше и загрозениот сведок С 1 чиј што исказ судот веќе претходно го анализираше.

Согласно Законот за полиција, основна надлежност на полицијата е да штити, преку превземање на мерки и дејствија насочени кон заштита на животот, имотот и личната сигурност на граѓаните, спречување на вршење на кривични дела и прекршоци и откривање на сторители на кривични дела и прекршоци, заштита на човековите права и слободи, одржување на јавниот ред и мир, укажување помош и заштита на граѓаните кога за тоа има потреба и друго. Притоа, мора да се има во предвид и чл.13 од наведениот закон согласно кој полицискиот службеник е должен надвор од работното време да превземе неопходни мерки според околностите на случајот, заради заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните. На 27 април 2017 година полициските службеници не само што не се грижеле за животот и личната сигурност на пратениците, новинарите и дел на своите колеги, туку напротив истите со пасивното однесување придонесоа за загрозување на нивните животи.

Полицијата мора да ги извршува своите задачи на вешт, чесен, непристрасен и ефикасен начин имајќи го во предвид само јавниот интерес и народот на кој му служи, но за жал на 27 април полицијата не постапи согласно нивните надлежности и согласно одредбите од Законот за полиција, а ова недвосмислено произлегува од изведените докази на главна расправа од кои јасно произлезе дека иако биле исполнети условите, навремено не била издадена наредба за повикување на припадниците на Одделот за специјални полициски операции.

Единствената команда била воспоставена дури во 20:30 часот што резултирало со ефикасно и координирано постапување на полициските сили за обезбедување на поволна безбедносна состојба во и околу објектот на Собранието.

Од изведените докази меѓу кои и презентираните снимки беа посочени сите обвинети во овој предмет со сите нивни поединечни дејствија, кои секако се спротивни на законот.

Имено, обвинетиот Младен Додевски е дел од групата која што се собира пред ресторанот „Дион“ и од „Дион“ се движи према Собранието, а истиот е со сива маица со кратки ракави и кратки бермуди со плава боја што неспорно произлезе од Видео запис „Над Дион“ камери СТБ и тоа со време 17:48:31, но овој обвинет се гледа и на повеќе снимки, па така на снимките од ЦД МТВ 1 фајл ЦД МТВ1 фајл SOBRANIE _27 04 2017 SLUCHUVANJA 1–140, Видео запис ЦД „MTV 1“ фајл SOBRANIE_27 04 2017 SLUCHUVANJA 1 и тоа со време 27:13 повторно се гледа обвинетиот Младен Додевски со фантомка кој се турка према предниот дел од толпата, но овој обвинет и во внатрешноста на Собранието се движи постојано со фантомка на главата и истиот е дел од групата која предводи толпа на граѓани која ја упатуваат кон Прес салата. На снимките од УСБ 5 фајл 20170428191225 камера 13 со време 18:56:30 јасно се гледа овој обвинет додека се наоѓа на скалите и ја повикува масата да се качи нагоре, додека во време 19:23:03 овој обвинет се качува нагоре прв пред масата и всушност ова е момент кога има туркање на масата народ со припадниците од ЕБР, а обвинетиот Младен Додевски помага на масата народ да се качи горе. Овој обвинет на повеќе снимки се гледа во ходникот пред Прес салата како и во нејзината внатрешност, односно истиот се гледа во Прес салата додека се тепаат пратениците истиот повторно е со фантомка на главата кое е видно од видео записот од Телевизија Алсат – фајл 680_5369 со време од 06:38, а истиот се гледа на скалите како го фаќа за рака и еден униформиран полициски службеник, кое е видно од Видео запис Телма ЦД 4А фајл Sobranie Nadvor Vnatre vleguvanje1 со време 11:26, што значи овој обвинет го има на повеќе снимки и истиот е постојано со фантомка на главата.

На овие снимки детектирани се и дејствија на обвинетиот Јане Ченто, а сите тие снимки се претходно наведени, но сепак судот не може а да не ги нагласи дејствијата на овој обвинет посебно од снимките од мобилен телефон Фајл 20170427_19_38_15 со време 01:43 кога обвинетиот Јане Ченто со ногата го удира во стомакот пратеникот З.З. кој што веднаш потоа се наведнува надолу и со двете раце се фаќа за стомакот, а на истата снимка се гледа како истиот се приближува кон пратениците и мафта со прстот кон нив. Воедно, од вештачењето на мобилни телефони одземени од Оливер Поповски меѓу останатото се гледа како обвинетиот Јане Ченто со црвен чадор го удира пратеникот З.С. кој е на подот. Исказот на загрозениот сведок С1 е претходно веќе анализиран, но судот мора тука да го нагласи и делот од исказот каде што

нагласува дека сето она што се случуваше во Собранието на ден 27 април било претходно добро организирано, обмислено и финансирано. Воедно, овој сведок зборува за познанството и за средби помеѓу Јане Ченто, Александар Василевски-Нинџа, Игор Југ и други лица. Зборува и за тоа кои биле таргет на насилниците, а тоа биле З., С. и М., но сепак М. бил колатерална штета, а главната намера им била да се пресметаат со З. и С., па истиот се гледа на снимките дека и со прстот упатува закани кон пратеникот З. З. . Конечно овој обвинет јасно се гледа и на снимките пред ресторанот „Дион“ каде беше собрана поголема група која потоа се упати кон Собранието.

Од изведените докази јасно произлегоа и дејствијата на обвинетиот Горанче Анѓеловски кој што е забележан на повеќе снимки уште при собирањето на групата пред „Дион“ при што судот мора да нагласи дека истиот од хартиена кеса дели маски на дел од групата, видно од Видео запис од СТБ ЦД со назив „ Приод пред Телеком “и „ Ебанк “, но истиот го има и на снимки во внатрешноста на Собранието кога на моменти е и без фантомка на главата, а на една од снимките истиот се поздравува и со Јане Ченто, а тоа е всушност снимка од УСБ 5 фајл 20170428191225 камера 13 со време 19:23:03. Во истото време тој се прегрнува и со тогаш обвинетиот, сега амнестиран Михаел Младеноски. Овој обвинет го има на повеќе снимки, а воедно обвинетиот има комуникација и со Д.Д. и Захарие Симовски, но истиот се гледа во време 00:00 на ЦД МТВ 2 фајл SOBRANIE _27 04 2017 SLUCHUVANJA 2 како на скалите лево без маска на главата ја повикува толпата. Согласно снимките од УСБ 1 New Folder 2 analog_1_18_55_07_04_27.1 обвинетиот се гледа и пред Прес салата каде што е со црна фантомка на главата. Овој обвинет јасно се гледа и на снимките од УСБ 6 New Foder 2 analog_13_19_52_49_04_27.1 на кои што снимки се гледа влез и излез „Винар“, а имено со време 35:14 јасно се гледаат обвинетите Оливер Радулов и Сашо Марковски за кого постапката е раздвоена, а заедно со нив е токму и обвинетиот Горанче Анѓеловски. Обвинет со останатите двајца повторно се гледа со време 08:57 на снимките од УСБ 6 New Foder 3 фајл analog_13_20_59_29_04_27.1, а ова е време кога всушност се одземаат хард дисковите од собата за мониторинг.

Согласно изведените и анализирани докази неспорно произлезе дека обвинетиот Игор Југ бил дел од обвинетите кои биле собрани пред „Дион“ каде што биле и Александар Василевски Нинџа, Никола Митревски Кољо, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски и други, кое всушност неспорно се утврди од Видео записот насловен како „Над Дион“ камери Стопанска банка. Истиот бил и во внатрешоста на Собранието на 27.04.2017 година, а од повеќе снимки се утврди дека истиот бил во холот пред Прес салата и внатре во Прес салата. Овој обвинет е меѓу првите од толпата кои го пробиваат влезот и се движат кон пратениците, видно од Видео записот со назив „ Од Интернет “-фолдер You Tube-фајл „З. во крв, пратениците од СДСМ и други нападнати во Собранието“ со време 00:52. Понатаму, на

повеќе снимки се гледа дека обвинетиот Игор Југ е во непосредна близина на пратениците. Согласно снимката од Интернет You Toube фајл Насилства во Собрание повторно може да се види присуството на Игор Југ во Прес салата, а со време 00:40 се гледа обвинетиот Игор Југ како се приближува према пратениците, меѓу првите од пратениците е З. З. . Со време 00:21 од Вештачењето на мобилни телефони одземени од Оливер Поповски видно е дека обвинетиот Игор Југ стои пред пратениците и со десната рака се држи позади грбот на појасот, но повеќе пати се гледа и како истиот ја мести маицата отпозади со рацете. Притоа, на една снимка јасно се гледа дека маицата од десната страна му е подигната и се гледа темно сив предмет над налепницата од фармерките, а тоа е снимката од Видео запис 24 Вести –INSERTI TEPACKA 2.mp4 со време 00:49. Од УСБ 1 New folder 2 analog_1_18_55_07_04_27.1 со време 36:05 видно е дека обвинетиот Игор Југ со левата рака го фаќа задниот дел од фармерките при што со левата рака странично се гледа како ги поткрева фармерките. Меѓу останатото се глед дека обвинетиот се прегрнува со Михаел Младеноски и тоа на УСБ 4 фајл 20170428184822 камера 11 со време 19:07:30. Воедно тука судот мора повторно да се осврне и на исказите на некои сведоци и тоа загрозениот сведок С1, В. М. и други, кои што зборуваат дека обвинетиот Игор Југ во Собранието носел пиштол. Овој обвинет како и останатите кои што се присутни во Собранието ги има на повеќе снимки за кои што судот веќе претходно се произнесе.

Дејствијата на обвинетиот Влатко Трајковски ги има на повеќе снимки кои што се претходно наведени, но сепак судот не може, а да не нагласи дека обвинетиот со ПП апарат трча по новинарите и некои пратеници кои бегаат по скалите, прска со течноста од овој апарат по новинарите и пратеникот С.К., а истиот и физички го напаѓа пратеникот С.К. кај лифтот удирајќи го со тупаници во пределот на главата и телото од кои удари по кратко му се слошува и истиот паѓа на подот. Ова нешто се гледа на снимката од УСБ 6 New Folder фајл Analog_13_18_00_00__04_27.2, на која снимка со време 00:22:55 се гледа овој обвинет како со ПП апарат се симнува од спратот каде што се наоѓа Сала 3 Прес и при симнување прска со ПП апаратот по новинарите и некои пратеници кои бегаат по скалите, а истото ова се гледа и на УСБ 1 New Folder 3 analog_15_19_17_54_04_27.0 со време 10:42 и 11:37. Видно од снимката од УСБ 1 New Folder 2 Analog_1_18_55_07_04_27.0 со време од 17:53 покрај обвинетиот Влатко Трајкоовски поминува пратеничката Р. Ш. која ја носи друго машко лице и се гледа дека обвинетиот ја подбутнува, ја удира со десната рака при што истиот продолжува да се движи према Прес салата. Овој обвинет на повеќе снимки се гледа дека е присутен во внатрешноста на Собранието, во холот пред Прес салата и внатре во Прес салата.

Дејствијата на обвинетиот Вилијам Михајловски се гледаат на повеќе снимки. Имено, истиот е дел од групата која што од „Дион“ се упатува према ГТЦ, а воедно истиот е забележан и на повеќе снимки во внтарешноста на Собранието. Тој е присутен пред Прес салата како и во

внатрешноста на Прес салата. Овој обвинет е дел од толпата која насилно го пробива кордонот од униформирани полициски службеници поставен на скалите во Собранието, а кое е се гледа од Видео запис Телма ЦД 4Б фајл Sobranie Nadvor Vnatre vleguvanje2 во време 01:00. Истиот во Собранието употребува и физичка сила и му задава удари на пратеникот З. С. додека лежи на подот што неспорно произлегува од снимка која е добиена со вештачење КО.бр.59/2018 и тоа со време 00:55 и време 01:20.

Меѓу предводниците на насилната толпа е и обвинетиот Никола Митревски Кољо, а неговите дејствија се забележани на повеќе снимки кои што претходно веќе се наведени. Истиот е дел од групата која што била пред „Дион“, потоа истиот е дел од насилната толпа која што е влезена внатре во Собранието, а истиот и насилно, односно со нога ја отвара вратата која што води према ходникот према Прес салата за кое нешто судот веќе се осврна, а потоа овој обвинет е забележан пред Прес салата и внатре во Прес салата. Неговата ароганција, неговата безмилосност јасно се виде и кога истиот безмилосно го удри и просто го фрли во делот каде што се наоѓаа фотељите Началникот на обезбедување на Собранието А. Ј., а воедно истиот употребува насилство и спрема сведокот С.Т., а сето ова е видно од снимките на УС 1 New Folder 2 analog_1_18_55_07_04_27.1 Овој обвинет на дел од снимките се гледа како носи фантомка на главата, а на дел од снимките се гледа како истата му е кренaта или воопшто не ја носи на главата. Обвинетиот Никола Митревски стои прв пред вратата на Прес центарот и пробува да се пробие нанапред према вратите од Прес центарот. Овој обвинет се гледа дека е дел од обвинетите кои ја повикуваат толпата со раце во моментот додека се наоѓа лево на скалите, а после тоа се симнуваат по скалите каде продолжуваат да повикуваат луѓе, кое нешто се гледа на снимките од Видео запис Телма ЦД 4А фајл Sobranie Nadvor Vnatre vleguvanje1 со време 08:12. На истата снимка пак со време 08:33 се гледа и дека обвинетиот фаќа за униформата еден униформиран полициски службеник од ЕБР и со истиот има некаква комуникација.

Од изведените докази неспорно произлезе дека дел од ова смислено сценарио е и обвинетиот Александар Василевски - Нинџа кој што го има на снимките пред "Дион" и истиот има комуникација со дел од обвинетите кои што потоа беа присутни во Собранието од кои поголемиот дел беа со маски, гледа во кесата со маски што значи дека знаел дека оваа група од „Дион“ ќе влегува во Собранието, а на себе ќе имаат и фантомки. Обвинетиот како што и сам кажува во своја одбрана истиот пред и за време на настаните имал контакти со високи функционери на ВМРО-ДПМНЕ, пред се со Сашо Мијалков, а потоа бил во Шабот на ВМРО-ДПМНЕ каде се наоѓале и други високи функционери на оваа политичка партија. Меѓутоа, мора да се нагласи дека овој обвинет не влезе во Собранието и нема превземено никаков физички напад врз пратеници, новинари и службени лица.

Сите овие обвинети, односно нивните дејствија се опфатени на повеќе снимки кои што се претходно целосно се наведени, па судот во овој дел на пресудата се осврнува само на некои делови од нив кога поединечно се анализираат дејствија на обвинетите.

Судот ја ценеше одбраната на обвинетите, при што мора да нагласи дека само дел од обвинетите изнесоа своја одбрана, но судот иако некои обвинети не изнесоа своја одбрана ќе даде осврт на нивни наводи истакнати пред се во нивните завршни зборови.

Обвинетиот Митко Чавков зборува дека тој бил иницијатор за формирање на ОА „Платформа“ но судот смета дека  во конкретниот случај воопшто не е битно дали токму обвинетиот Митко Чавков бил иницијатор или дел од иницијатори за формирање на ОА „Платформа“. Основно е што превземал овој обвинет на ден 27.04.2017 година посебно за време на настаните, а за сето ова судот претходно се произнесе. Од доказите призлезе дека истиот бил во Штабот на ВМРО ДПМНЕ иако тој истакнува дека бил во канцеларии сместени во објектот на „Технометал Вардар“ повикувајќи се на договор за закуп, но судот не ги прифаќа ваквите наводи бидејќи обвинетиот Александар Василевски јасно нагласи дека лично тој го видел обвинетиот Митко Чавков во Штабот на ВМРО ДПМНЕ, при што дури појасни со кого разговарал телефонски овој обвинет. Но, ова не произлезе само од исказот на обвинетиот Александар Василевски туку истото произлезе и од листата на телефонски повици за кое нешто судот претходно се произнесе. Самиот обвинет не оспорува дека после 20:00 часот пристигнал во Оперативниот штаб и дал наредба да се ангажираат специјалните сили и да се евакуираат пратениците и токму тогаш била воспоствена едниствената команда и притоа судот мора да нагласи дека не може, а да не се истакне дека токму овој обвинет е всушност златната команда. Истиот се повикува дека лично тој издал наредба за шок бомби, но ова е исто така сторено дури откако е извршен физичкиот напад врз пратениците, новинарите и овластените службени лица. Воедно обвинетиот се повикува на повеќе одредби од Законот за полиција при што во истите се зборува за организацијата на полицијата, а воедно се повикува и на Упатсвото за воспоставување на организациски процедури за управување, команда и контрола во процесот на водење на криминалистички истражувања и вршење на полициски работи (златна, сребрена и бронзена команда) наведувајќи дека ова упатство нема сила на правен акт, туку претставува организациска процедура за имплементација и операционализација на одредени одредби од Законот за полиција, а притоа се повика на член 7, во кој е наведено кои се надлежностите на Златната команда. Меѓутоа токму тука судот ќе нагласи дека во чл.4 од ова Упатство јасно е наведено дека Златната команда има функција да ги развива и одредува стратешките цели и определува тактичките параметри и е целосно одговорна за водење на криминалстичкото истражување или полициските работи. Златната команда е секогаш една и може да има повеќе советници за разни

области. Доколку обвинетиот Митко Чавков благовремено почнеше да ги извршува своите задачи секако дека ќе се спречеше насилниот упад на толпата народ во Собрание и тепањето на пратениците, новинарите и полициските службеници. Овој обвинет бил известен уште кога започнало тресењето на заштитните огради пред Собранието, а потоа бил известен и дека масата народ е веќе влезена во Собранието, но и покрај тоа тој не дава наредба за интервенција на полицијата и покрај постоењето на безбедносниот ризик. Воедно, сведокот И. В. нагласи дека намалувањето на полициските службеници за ден 27.04.2017 година било во договор токму со обвинетиот Митко Чавков. Судот веќе се произнесе и за исказот на тогашниот Министер за внатрешни работи А.Н. во делот кога зборува за неговите напори да стапи во контакт со обвинетиот Митко Чавков и неговиот однос према тогашниот Министер за внатрешни работи. Конечно, судот даде осврт и на тоа дека уште на 26.04.2017 година имало индиции и сознанија дека тие денови ќе се бира Претседател на Собранието при што судот се осврна и на пораката која што Н. Г. ја препраќа на Т. В., а се работи за порака од Митко Чавков. Конечно, како што и претходно судот при аналзиата на исказот на сведокот Д. М. наведе дека тој ден се разликувал од останатите денови според она што од говорница го кажал тогашниот пратеник З. З., па зарем ова што го забележал сведокот кој е новинар, а не полициски службеник за искусни полициски службеници посебно за обвинетиот Митко Чавков не било доволен предзнак дека нешто ќе се случува тој ден. Сето ова зборува дека требале да бидат превземени конкретни мерки за спречување на насилниот упад во Собранието. Судот мора да нагласи дека најголем дел од комуникациите се одвивале преку Вибер, односно преку интернет, па не е возможно да се утврди со кого се имал комуникација обвинетиот Митко Чавков, но кога станува збор за телефонските комуникации кои не се преку интернет судот веќе се осврна кога се зборуваше за анализата на овие комуникации. Освен тоа мора да се нагласи дека според базните станици истиот додека се случувале настаните во Собрание бил на базни станици ВМРО-АЛМАКО, а впрочем судот за тоа претходно се произнесе. Воедно од обвинетиот Митко Чавков не е одземен мобилен телефон од причина што го изгубил по болниците, а ова е по негово кажување. Конечно во поглед на наводите на неговиот бранител дека на 06.07.2001 година исто така имало влез на народ во Собранието со што се оди на поистоветување на тој настан и настанот од 27.04.2017 година, судот не може да се согласи дека станува збор за идентичен настан од причина што тогаш не биле тепани пратеници, новинари ниту полициски службеници, а освен тоа не може да стане збор дека тоа била организирана акција како што се настаните од 27.04.2017 година кои настани согласно доказите се добро организирани и осмислени.

Обвинетиот Митко Пешов во своја одбрана меѓу останатото наведе дека на 27.04. бил Началник на Одделот за специјални полициски операции или скратено ОСПО кој оддел се наоѓал и сеуште се наоѓа во Централните полициски служби, а негов директен претпоставен бил Началникот на

Централни полициски служби и неговиот Помошник началник С. М., кој во рамки на распределбата на надлежности во ЦПС меѓу помошниците на началникот, а имало повеќе помошници, бил задолжен и директно за ОСПО и Одделот за обезбедување. По отпочнување на протестите на здружението или неформална некоја група „За заедничка М.“, некаде во почетокот на месец март 2017, во рамки на МВР се отворила Оперативна акција под назив „Платформа“ или под псевдоним „Платформа“. Во врска со оваа Оперативна акција, биле изготвени повеќе соодветни документи, односно предлози за воспоставување, планови за мерки и активности, биле одржани повеќе состаноци во врска со формирањето на истата на кои тој не присуствувал, туку ги добивал насоките и инструкциите преку Началникот на ЦПС, односно ги добивал преку неговиот претпоставен. Она што го знае и она на што се сеќава, односно врз основа на документите кои што ги добивал преку Началникот на ЦПС, со овие акти, односно Предлогот за воспоставување и анекс на истиот бидејќи имало и анекс предлог, биле воспоставени три тела, односно бил воспоставен Оперативен штаб со поимечно набројани членови на истиот, во кој како членови биле и неговите претпоставени, Началникот на ЦПС Ѓ. Г. и неговиот помошник С. М., било воспоставено едно тело-Оперативен тим, но согласно соодветните упатства, вакво тело не било предвидено, во кое како член меѓу другите повеќе од 30-тина членови бил предвиден и тој како член на Оперативниот тим и со истите акти бил воспоставен команден протокол, односно командна структура со поимечно наведени носители на златна и сребрена команда. Се сеќава дека носител на златна команда бил тогашниот Директор на БЈБ Митко Чавков со двајца заменици на носителот на златна команда, а тоа биле Заменикот директор Б. Д. и Државниот советник Г. С. . Во сребрената команда биле предвидени како носители на истата сите началници на сектори за внатрешни работи во рамки на својата територијална надлежност, мисли дека биле и сите помошници директори во рамки на својата функционална надлежност, како и началникот на ЦПС во рамки на надлежностите кои што ги имаат Централните полициски служби. Бил изготвен план на ниво на БЈБ со кој биле предвидени двајца полициски старешини од МВР како одговорни за спроведување на мерките и активностите предвидени согласно Планот, истиот предвидувал тие двајца, а по негово сеќавање тоа биле помошникот на Директорот С. С. и Началникот на ЦПС Г. Ѓ. . Со истиот план и со насоките кои што ги добиле а кои произлегле од состаноците, било предвидено изведување на планови за постапување на сите организациони единици во МВР кои биле обврзани со овие документи да постапуваат во врска со Оперативната операција „Платформа, меѓу кои и Одделот за специјални полициски операции, а ова го добил како задача од помошникот началник на ЦПС, С.М. и заедно со него оствариле еден или два состаноци со одговорните од СВР С. со цел да ги договорат начините на дејствување, односно да направат извидување на просторот посебно околу Собранието и да изготват соодветни планови. Ваквите планови биле изготвени, а потоа и доставени за одобрување од страна на

Директорот, Началникот на ЦПС, не знае и не се сеќава дали и Министерот ги потпишувал тие планови. Појасни дека планот на Одделот за Специјални полициски операции предвидувал две сценарија за справување со нарушен јавен ред и мир при евентуално избирање на Претседател на Собрание и Влада на РМ. Едното сценарио било во ситуација кога би имале две спротивставени групи на граѓани, во тој случај требало да се создаде тампон зона, да дојде до раздвојување на групите за евентуално да не дојде до судир помеѓу нив. Второто сценарио било за во случај кога пред објектот на Собрание би била присутна една хомогена група на граѓани, а притоа биле предвидени повеќе фази или повеќе прстени на посоодветно обезбедување на Собранието. Појасни дека првиот прстен, требало да го обезбедува редовната полиција и тоа било во делот на планирање на СВР С., користење на полициски службеници од другите градови, требало да се поставаат заштитни огради, а во вториот и третиот прстен, требало да се наоѓаат припадниците на единиците во рамки на ОСПО, тоа се Посебните единици на полицијата и Единицата за брзо распоредување. Овие биле предвидени со цел да се справуваат со евентуален нарушен јавен ред и мир, додека припадниците на Единицата за специјални задачи „Тигар“ бидејќи истата има спефицична намена и обука како и опрема, а тоа не е справување со јавен ред и мир, била планирана да помогне во евентуална евакуација на пратениците, вработените и другите лица затекнати во Собранието во смисла на нивно превземање од излезните врати на Собранието и дислокација на безбедно место. Потенцира дека во овој План, во ниедна фаза и во ниедно сценарио, не било планирано влегување и интервенција, односно преземање на мерки внатре во самото Собрание, што значи дека овој План предвидувал мерки и активности и ресурси за кои е потребно поголемо време истите да се обезбедат и да се стават во функција, а тоа значи дека Планот бил предвиден за денот „Д“. Со оглед на тоа дека протестите како и она што се одвивало во Собранието се развлекло на подолг период, секојдневно биле изготвувани Анекс на планови за постапување, дневни, за секој ден посебно, врз основа на проценката на ризик и побарувањата кои што им биле доставувани од страна на барателот, во овој случај тоа било СВР С., во конкретниот случај од СВР С., така да имале такви дневни планови и побарувања за сите речиси 60-тина дена во кои се одвивале протестите. Појасни дека на 27.04. во текот на работното време тој бил на работа на неговото работно место, дел од времето бил во канцеларија, дел од времето бил со помошникот М. во Касарната „Ѓ. П.“, односно во базата на ПЕП каде што имале одредени тековни активности кои што им биле обврска од претходно. Некаде кон крајот на работното време, од работа по завршување на активностите кои што ги имал, тој се упатил кон неговиот дом во К. каде што живее и секојдневно патувал од работа до дома и обратно, односно на релација С. – К. и обратно. Наведе дека за 27.04. од страна на СВР С. биле побарани два вода од ЕБР, истото било барано и во претходните месец, месец и пол, тие биле побарувани константно во изминатите повеќе од месец

дена. Барањата ги добивал одобрени преку Централни полициски служби, а истите биле одобрувани од страна на началникот на ЦПС. Појасни дека два вода на ЕБР бројат од 50 до 55 припадници. Во врска со тоа дали овие два вода од ЕБР на 27.04. биле пред Собранието, наведе дека согласно барањето, биле пратени два вода, меѓутоа претходно, а тоа е некаде на 25.04. од СВР С. имало побарување за обезбедување на спортски натпревар, а во исто време, односно истиот ден на 27.04 било планирано и судењето „Диво Насеље“, па затоа од страна на Командантот на ЕБР им било укажано дека нема да можат да одговорат на сите побарувања, односно нема да можат да одговорат на побарувањето за закажаното судење за „Диво Насеље“, па тогаш во координација со Помошникот од СВР С., К.Б. и со Помошникот Началник од ЦПС, С. М. или Началникот на ЦПС, Г. Ѓ., било договорено да од тие два вода кои што биле планирани за протестот пред Собрание, по завршување на истиот, а со оглед на тоа дека до тогаш истите завршувале пред 19:00 часот, а како утакмицата започнувала во 19:00 часот, било договорено, по завршување на протестите, еден вод од ангажираните да се упати за обезбедување на спортскиот натпревар. На 27-ми некаде околу 17:00 часот, на сведокот телефонски му се јавил тогашниот Командант на ЕБР, М. П. и го информирал дека од него било побарано водот кој што по завршувањето на протестите требал да се упати кон спортска сала „Јане Сандански“, а заради обезбедување на спортскиот натпревар, да биде упатен порано, на што тој реагирал велејќи дека не било така договорено и да се провери за што се работи, која им е целта и намерата на одговорните и потоа да го извести, па при повторното јавување бил известен дека всушност немале потреба од цел вод, туку барале да биде испратен вод од десетина припадници, кои би требало да бидат поставени превентивно и тоа како би можеле да делуваат превентивно доколку има потреба од тоа во време на доаѓање на навивачките екипи. Кога му било сето ова појаснето, тој барањето го одобрил и дозволил десет луѓе да бидат испратени пред спортската сала, смета дека е негова грешка и ја признава, но напоменува дека во тој момент не го знаел тоа што сега го знае и постапувал по некој вообичаен терк, поаѓајќи од тоа дека тие водови биле дадени на СВР С. и истите може по нивна проценка и да ги обезбедуваат, организираат и упатуваат таму каде што ценат дека им се потребни. Појасни дека ова не било прв пат да кога има потреба, дел од луѓето-припадниците од една активност да се упатат на извршување на друга активност. Наведе дека некаде околу 18:20 часот, повторно му се јавил Помошникот, Командантот на ЕБР М. П., притоа го известил дека тимовите од пред Влада се поставени пред Собрание, дека масата исто така е стигната пред Собрание, дека онаа „десетката“ е упатена кон „Јане Сандански“ и дека во тој момент нема проблеми. Кратко после тој разговор, а тоа е време кога пристигнува дома во К., му се јавил Помошникот началник на СВР С. К. Б. и го информирал дека пред Собрание имало одредена тензија и тресење на оградите, по што побарал информација дали во тој момент има на работа други сили на

располагање, на што му одговорил дека тој нема други сили на располагање, дека во тој момент други слободни сили не ангажирани нема. Откако му кажал дека нема на располагање други сили, доколку цени дека ќе има потреба од дополнителни сили, за тоа да контактираат со Началникот на ЦПС, со Директорот, му кажал да ја запази процедурата. По овој разговор се слушнал со Помошникот М., го информирал за она што му било пренесено од помошникот К. Б., притоа М. му дал насоки дополнително да провери, па го побарал командантот на ЕБР М. П. и му дал задача да провери каква е состојбата пред Собрание преку одговорниот од ЕБР кој што во тој момент бил поставен како одговорен. За кратко време бил информиран за состојбата, а по ова веднаш наредил онаа „десетка“ која била упатена на спортскиот натпревар, односно пред спортската сала, да биде повлечена од таму и да се упати пред Собранието, а за ова веднаш го известил Помошникот М. Појасни дека овие разговори се во многу краток тајминг, значи некаде меѓу 18:30 и 18:40 часот. Некаде околу 18:45 часот повторно му се јавил Командантот на ЕБР, П. М. и го информирал дека тимот од десет луѓе е вратен пред Собрание и поставен таму, а притоа му предложил да пред Собрание дополнително биде испратен Помошникот командант на ЕБР, В. Н. како поискусен и повисок по хиерархија старешина, со цел да помогне доколку евентуално има потреба од некаква реакција пред Собрание. Наведе дека околу 18,30 часот откако ја добил првата информација од Помошникот К.Б. за тензијата пред Собрание, се јавил и на тогашниот Командант на ЕО или ПЕП, знаејќи дека во базата во Ѓ. има одреден број на припадници од ПЕП кои што се ангажирани за обезбедување на еден објект од посебно значење на подрачјето на С., кои што ротираат во смени и го прашал колку луѓе има во моментот кои што не се ангажирани за обезбедување, односно не се во смена, а тој му објаснил дека има еден тим од тринаесетина припадници, 13 припадници кои што до сабајлето биле на работа и во моментот се слободни во смисла на тоа дека дел од нив се наоѓаат во база, одмараат, дел од нив се излезени во град, дел од нив се упатиле да гледаат утакмица, додека едната екипа или тим во иста бројка од околу 13, 14 припадници, се наоѓаат до 19:00 часот на смена пред објектот кој што го обезбедуваат и едниот тим во тој момент се упатува да изврши смена. По добивањето на оваа информација, му наредил веднаш да го собере слободниот тим во базата, да го опреми, подготви и стави во приправност за евентуално нивно ангажирање пред Собрание. Притоа му кажал и тимот кој што завршува со смена, по завршувањето да остане во приправност, значи да остане во униформа, да остане со соодветна опрема. Побарал да биде известен за тоа кога ќе бидат комплетни, што всушност било и редовна пракса, а тоа значи да се известуваат претпоставените по добиена задача која, како е завршена, што е завршено, во систем со јасна хиерархија, со субординација. По оваа следувале повеќе комуникации и јавувања меѓу него, комадантите, односно Командантот П. во тој момент, помошникот М., началникот Ѓ., а во тој период во неколку наврати му се јавил и Директорот на БЈБ, Митко

Чавков. Од страна на Командантот П. бил информиран дека пред Собранието дошло до поголема тензија, односно дошло до прескокнување на дел од масата на заштитните огради и барал насоки за негово постапување. Од негова страна му била дадена наредба веднаш тој лично да се упати на работа и притоа исто така да ги повика на работа одговорните старешини од Единицата, со цел истите да превземат мерки за подготовка и повикување на Единицата за брзо распоредување на работа. Појасни дека овие мерки опфаќаат анимирање на сите припадници на Единицата да истите бидат на „стенд бај“ и дека истите ќе бидат повикани на работа, да бидат подготовени возила, опрема во базата, сите старешини да бидат брифирани и запознаени со состојбата пред Собрание со цел нивно поефикасно и поефективно интервенирање. Појасни дека припадниците на овие единици се од цела држава, истите по завршување на работа си одат во своите домови, одат во цивил дома, целокупната униформа, опрема и возила се наоѓа на нивните работни места, односно тоа се наоѓа во базата „Ѓ. П.“, па заради тоа е потребно нивно доаѓање во базата, опремување, облекување во униформа за да може да се упатат било каде, на било кое место и после тоа на било каква активност. Наведе дека за сите информации и активности кои што тој ги превземавл во тој момент, веднаш ги информирал Помошникот М. кој што му е директно надлежен, Началникот на ЦПС и Директорот на БЈБ, кој исто така му се јавил во два-три наврати. Некаде после 19:00 часот, некаде 19:00-19:10 во тој период, повторно му се јавил Командантот П., му кажал дека веќе е упатен кон работа, дека ги информирал старешините на единиците и им дал задача веднаш истите да бидат на работа и го прашал дали да ги повикуваат и другите припадници на Единицата на работа, но на ова му одговорил дека штом ќе добие таква наредба од страна на неговите претпоставени, за истото веднаш ќе биде известен. Потоа се слушнал со Началникот на ЦПС Ѓ., го информирал за ваквото барање од страна на Командантот, па откако на истиот му кажал дека согласно барањето, пред Собрание има два вода со околу 50-тина припадници, па по добивање на оваа информација, Началникот на ЦПС му кажал дека СВР С. има толку припадници колку што побарале и дека тие треба да менаџираат со луѓето, а воедно му рекол „ти доаѓај накај С., а за другото дополнително ќе се договориме“. За кратко време после овој разговор, некаде околу 19:10 часот му се јавил тогашниот Министер, А.Н., го прашал дали е во тек со она што се случува пред Собранието, а тој му ги пренел сите информации со кои располагал, му појаснил колку луѓе имаат пред Собрание, на што Министерот му рекол „Добро, дај види тие нека превземаат мерки таму“. По овој разговор нему му се јавил Помошникот командант на ЕБР, В.Н., а тоа било некаде околу 19:10, тогаш го информирал дека масата веќе е влезена во Собранието. По добивањето на ваквата информација, тој му кажал на Н. дека тој треба со силите што му се на располагање да влезе во Собрание и да превземаат мерки со цел спречување на поголемо нарушување на јавниот ред и мир. За оваа состојба повратно веднаш го информирал Помошникот М., Началникот на

ЦПС, а за кратко време потоа Началникот на ЦПС го прашал дали има дополнителни сили на работа во тој момент, на што одговорил дека освен силите од ПЕП, други сили во во тој момент нема на располагање. На ова началникот на ЦПС му рекол да ги подготват силите од ПЕП кои ги има на располагање, а кога истите ќе бидат спремни за излегување, началникот побарал за тоа веднаш да биде известен, а напоменал и тоа дека сите постапувања на луѓето на лице место, да бидат согласно законските процедури. Во овој период некаде после 19:15 бил контактиран уште еднаш од тогашниот Министер, А. Н. и тогашниот Директор на БЈБ, Митко Чавков, притоа ги информирал за се она што го имал како информација во тој момент и за се она што веќе го превземал или имал издадено наредби. Откако им кажал со какви сили располага во тој момент, од нив добил насоки штом силите ќе бидат подготвени веднаш да се упатат кон Собрание. Напомена дека за цело ова време бил во постојана комуникација и тоа или му се јавувале или тој се јавувал, значи буквално немал прекини ниту една секунда на разговор, а истовремено во меѓувреме веќе бил тргнат со возило назад кон С., возел сам, се трудел колку може побрзо да стигне во С. и истовремено додека возел тој разговарал на телефон, односно добивал информации, ги проследувал истите веднаш кон старешините кои што биле хиеарархиски поставени над него, добивал од нив насоки за постапување, ги проследувал истите повратно кон командантите, значи во тој период им се јавил и на Командантот на ЕСЗ, С.П. и на него му ја дал истата насока како и на командантот на ЕБР, односно да заедно со одговорните старешини од неговата единица, заменикот, помошникот, дојдат во базата на ЕБР во Ѓ.П. бидејќи во оваа фаза се и двете други единици, ПЕП и ЕБР и нивните старешини веќе биле во базите бидејќи ЕСЗ во тој момент не била ангажирана во Собранието, односно немале свои припадници таму и не биле запознати со она што се случува. Поради тоа што тие не биле запознаени со случувањата, им кажал да дојдат и за состојбата да се брифираат од страна на Командантот П., да ги анимираат сите припадници на нивната единица во смисла дека најверојатно ќе бидат повикани на работа, да бидат подготвени, да си направат соодветни подготовки за тоа, како и тимот од ЕСЗ, кој што заедно со тимовите од ПЕП, бил исто ангажиран за обезбедување на објектот кој што претходно е споменат, виталниот, а тимот кој што бил ангажиран, да биде повлечен во база да се опреми и подготви за евентуално нивно ангажирање во Собранието. Некаде околу 19:30 му се јавил повторно помошникот Н., го информирал дека со постојните сили успеал да ги обезбеди страничните влезови на Собранието, но дека главниот влез и понатаму е отворен и нема доволно сили да истиот го обезбеди и да го спречи натамошното навлегување на масата народ. На ова одговорил дека за кратко време ќе му испрати засилување, а Наумовски му кажал дека има потреба од дополнителни сили. По ова веднаш му се јавил на помошникот М., го информирал за состојбата и му кажал дека доколку се спремни тимовите од ПЕП, истите веднаш ќе ги упати во Собрание. М. му рекол дека ова го

одобрува, па сведокот потоа му се јавил на Командантот на ПЕП, Б. Т. од кој бил информиран дека едниот тим од 13 луѓе е речиси комплетиран и може да се упати во Собрание, што е веднаш и направено, а го известил и тоа дека за кратко време од околу 5 минути према Собрание ќе биде упатен и другиот тим кој што се враќа од претходното обезбедување, од претходната активност. Воедно појасни дека носител на бронзена команда секогаш е одговорниот полициски службеник кој што раководи со конкретна акција. Во случајот за 27-ми, тоа бил одговорниот полициски службеник од СВР С., С. З. . Наведе дека двата вода кои биле дадени на располагање на барателот, а во конкретниот случај тоа е СВР С., СВР С. е тој кој што располага, односно раководи со двата вода во смисла доколку има потреба од интервенција, во тој случај одговорниот, односно бронзената команда, му издава наредба на одговорниот од посебните специјалните единици, во случајот одговорниот на тие два вода кои што во тој момент биле на располагање, да интервенираат по потреба и со употреба на средства за присилба. По добивањето на оваа наредба, со водовите командува одговорниот на истите, односно одговорниот старешина од посебните или специјалните единици. Потенцира дека одговорниот од посебните единици потребно е да добие таква изрична наредба од бронзена команда, по што ја превзема дел од командата само во таа фаза во постапувањето и само во однос на начинот на интервенирање, додека бронзениот командант и понатаму е одговорен за целокупната активност. Појасни дека надлежен за барање дополнителни сили од ОСПО во приправност, е тој кој што има потреба, во овој случај тоа е СВР С., а со барањето за сили од ОСПО, како што било пракса, најчесто се става дека има на пример потреба од два вода кои што би биле поставени пред Собранието и на пример еден вод кој што би бил во приправност во базата или на друга локација зависно од нивните проценки. Истакна дека тој не добил барање за дополнителни сили од ОСПО во приправност за 27.04. Појасни дека таква наредба добил од Началникот на Централни полициски служби, Г. Ѓ. и тоа некаде околу 20 часот и 10-тина минути и тоа по јавување на сведокот кога и го информирал дека од страна на помошникот В. Н., непосредно пред тоа, бил информиран дека во Собранието, во некоја од салите имало нападнати и повредени пратеници и дека при обидот да интервенираат и влезат во истата, припадниците на МВР се соочиле со голем отпор и дека во Собранието има многу народ и дека и со претходно испратените дополнителни сили, нема да можат во целост да се справат со целата настаната ситуација, началникот на ЦПС, Г. Ѓ. му издал наредба да го активира целокупниот состав на ЕБР и на ЕСЗ и истите во најкус рок дојдат на работа, а по нивното опремување, колку што е можно побрзо да се упатат пред Собранието на РМ. По добивање на оваа наредба, тој истата веднаш ја проследил, односно веднаш им наредил на командантите од ЕБР и ЕСЗ да ги активираат комплет единиците со кои што раководат. Напомена дека не добил наредба од тогашниот министер А. Н. за ангажирање на силите на ОСПО. Појасни дека на 27.04. некаде околу 20

часот и 15 минути, пристигнал во С., односно во просториите на штабот во МВР и таму во Оперативниот штаб останал некаде до 21:45 часот, кога од страна на тогашниот Министер А. Н. му било наредено да отиде пред Собранието заради полесна координација при евакуацијата на пратениците и другите лица кои што биле затечени во Собранието. Кога пристигнал пред Собранието, пристигнал од задната страна и тоа во делот зад влезот кај гаражите, тука затекнал околу два вода од ЕБР и одреден број на припадници од Единицата за јавен ред и мир од СВР С. . Остварил контакт, телефонски или можеби со радио врска со Командантот на ЕБР, М. П., кој во тој момент се наоѓал внатре во Собранието, му кажал каде се наоѓа, му кажал дека има сили надвор со кои што може да ја потиснат масата која што била таму и дека може да постават коридор, а воедно му кажал дека треба веднаш да почнат со евакуација преку влезот „Гаражи“. Потоа со одговорниот старешина од ЕБР кој што го затекнал таму, бил командир на чета и со одговорниот од Единицата за јавен ред и мир на СВР С., се договориле Единицата за јавен ред и мир да ја поттисне масата, дел од масата во правец кон Дом на АРМ, односно во правец кон старото Министерство за ..., додека ЕБР треба да ја поттисне масата во правец на Градска болница по Булеварот „Даме Груев“. Истовремено додека течело потиснувањето преку влезот-излезот „Гаражи“, излегле колегите од ПЕП, прво бил Командантот Б. Т., потоа и колеги од ЕБР, воспоставиле безбедносен коридор и ја започнале евакуацијата. Во врска со денот „Д“, што претходно го спомена, а се однесува на планот за обезбедување и тоа во две сценарија, појасни дека тоа се однесувало на денот на кој би се избирал Претседател на Собрание или Влада и за истото се одело со претпоставка дека навремено ќе бидат информирани дали формално или неформално, односно ќе добиеле информација кога ќе биде тој момент за да можат да ги превземат сите потребни мерки и да ги обезбедат сите потребни ресурси и да постапеле по тој план. Појасни дека лично тој, таква информација и таква насока до 27-ми не добил, а за тоа дека се случил избор на Претседател на Собранието тој ден во Собранието дознал по неговото доаѓање во просториите на Оперативниот штаб на МВР, што значи дека дознал некаде после 20:00 часот. Нагласи дека тој ден од никого не добил наредба за пасивно постапување. Од страна на златниот командир, уште во првото јавување и подоцна уште во 2-3 наврати колку што имале комуникации, му било посочено дека треба луѓето кои се на лице место да превземаат мерки со цел спречување на поголемо нарушување на јавниот ред и мир, а во разговорите му кажал дека и тој лично ќе контактира со одговорниот од ОСПО, кој што во тој момент раководел со силите на лице место, а сето ова значи дека критичниот ден не добил наредба од златната команда за пасивна употреба на сила, не само од златната команда, туку воопшто од никого не добил таква наредба. Истакна дека сега од оваа дистанца може да зборуваат сосема поинаку од она што во тој момент го имале како информација и го знаеле. Зборува во негово име дека во континуитет преземале мерки, односно тој го превземал она што можел да го превземе

во тој момент, односно она што бил овластен да го преземе, а го преземал врз основа на она што го добивал како информација и врз основа на она што го знаел, во смисла на способност или снаоѓање, во моментот го давал како наредба, како насока, гледано од оваа дистанца, мисли дека можеби можеле повеќе да направат, можеби требале на друг начин да постапуваат, но напоменува дека во тој момент постапувал врз основа на она што го имал како информација, врз основа на она што за што бил овластен да постапува, врз основа на она што го добивал.

Судот не ја прифати ваквата одбрана на обвинетиот Митко Пешов од причина што неговата одбрана е спротивна на изведените, а претходно анализирани докази. Имено, од изведените докази неспорно произлезе дека обвинетиот Митко Пешов не одговорил на своите работни задачи и за неговото однесување, односно непревземање активности зборуваа повеќе сведоци и сето тоа претходно е веќе анализирано, но судот тука повторно мора да се осврне на исказот на сведокот М. П. кој што во месец април 2017 година бил командант на Единицата за брзо распоредување, а од неговиот исказ јасно произлезе дека откако тој бил известен околу 18:40 часот телефонски од командирот на чета Г. З. дека масата почнала да ги тресе оградите, станува агресивна и дека повикуваат на немири тој му се јавил телефонски на началникот Митко Пешов, го информирал за состојбата и побарал од него, при што добил одобрување да го упати помошникот В. Н. како повисок старешина, поискусен да помогне на колегата З., но не добил одобрение за повикување на помош други припадници, а околу 19:00 часот откако од В. Н. добил известување дека масата е влезена во Собранието повторно му се јавил на началникот Пешов при што добил насока да се упати во базата на ЕБР, дека за кратко и тој ќе се упати, ќе дојдат старешините од Единицата за специјални задачи „Тигар“ и колегите од ПЕП, од Посебната единица, а тој да ги повика заменикот командант од неговата единица, помошникот командант и командирите на чета за да направат координација за пружање на помош. Дека обвинетиот Митко Пешов бил известен пред се за тресењето на оградите зборува и сведокот К. Б. кој на 27 април бил Помошник началник за општа безбедност. Од обвинетиот Митко Пешов во меѓувреме биле барани дополнителни полициски сили од ОСПО при што истиот информирал дека нема дополнителни полициски сили. Сведокот В. Н. јасно посочи дека имал контакти со Митко Пешов и барал засилување, но истото не му било благовремено испратено. Воедно судот тука мора да се осврне и на исказот на сведокот Б. Т. кој јасно посочи дека истиот добил наредба од обвинетиот Митко Пешов во 19:45 часот за испраќање на 13 припадници од ПЕП кои биле во касарната во Ѓ. П., а дури во 20:25 часот добил наредба за собирање на целокупниот состав. Ова е време кога во Собранието веќе се врши насилството врз пратеници, новинари и полициски службеници. Додека сето ова се случувало обвинетиот Митко Пешов сеуште бил во К. каде што живее и за С. тргнал после 19:00 часот, а во Оперативниот штаб пристигнал некаде околу 20:15 часот.

Меѓу останатото овој обвинет и неговите бранители се осврнаа и на чл.29 од КЗ наведувајќи дека и покрај тоа што во чл.29 од КЗ, во ст.1 било дефинирано дека секое кривично дело може да биде сторено со сторување и несторување и во ст.2 точно се дефинирало како кривично дело кое што не било опфатено со битие на конкретно кривично дело со несторување истото можело да се цени дека како кривично дело е настанато со пропуштање, омисивен деликт како што го дефинирале правните теоретичари, но цени дека ова кривично дело не може да биде сторено со несторување, меѓутоа судот не може да се согласи со ваквото толкување на наведената законска одредба, туку напротив смета дека и кривичното дело за кое што се товари обвинетиот, а тоа Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ, може да се стори со несторување со оглед да ст.2 од чл.29 од КЗ е многу јасен и според истиот кривичното дело може да биде извршено со несторување само кога сторителот го пропуштил сторувањето што бил правно должен да го изврши, а пропуштањето има еднакво значење како предвизвикувањето на последицата на делото со сторување. Треба да се цени фактот дека кај пропуштањето не му се префрла на сторителот за преземено друго или претходно сторување, туку за непреземање на сторувањето што бил правно должен да го преземе. Законската одредба за сторувањето на делото со пропуштање упатува на два општи елементи на гарантниот омисивен деликт и тоа правна должност за сторување и еднакво значење на пропуштањето со предизвикувањето на последицата на делото со сторување. Тука треба да се нагласи и примарната заштитна гарантна позиција која е однос кон правното добро во кој гарантот да обезбеди сеопфатна заштита од сите можни напади или од определен вид напади врз тоа добро. Таа се активира кога ќе дојде до опасност од повреда на правното добро. Тогаш за гарантот настанува гарантна обврска за дејствување во правец на неутрализација на опасноста. Заштитната гарантна позиција може да се однесува на едно или поширок круга на правни добра, па така на пример во вршење на својата службена должност полицаецот има заштитна обврска по однос на непоределен круг лица. Судот смета дека пропуштањето во конкретниот случај има еднакво значење како предизивикување на последицата на делото со сторување. Од изведените докази јасно произлезе дека обвинетиот Митко Пешов иако бил висок полициски службеник, а поточно Началник на ОСПО, се однесувал пасивно и не превземал никакви дејствија кои бил должен да ги превземе на 27.04.2017 година. Воедно, тука мора да нагласи дека судот претходно се осврна и на телефонските комуникации кои што истиот ги имал критичниот ден.

Д.Л. во своја одбрана појасни дека е вработен во МВР, а на 27.04.2017 година бил Началник на Сектор за полициски работи од општа надлежност. Наведе дека од обвинетите ги познава Митко Чавков, Митко Пешов и Оливер Поповски, друг од обвинетите не познавал се додека не се сретнале во судница. Истакна дека бил член на Оперативниот штаб за територија на РМ, односно во МВР, а појасни дека учествувал во многу

штабови додека работел и во СВР С. и тоа како штабови на СВР С., а по неговото прераспоредување во БЈБ, од формирањето на штабови, учествувал во истите како член на Оперативен штаб, а што се однесува на Оперативната акција „Платформа“, појасни дека бил член на Оперативниот штаб од самиот почеток на отварањето на Оперативната акција. Појасни дека подзаконските прописи кои што ја регулираат материјата на јавните собири во МВР се: Правилникот за начинот на вршење на полициските работи, Стандардната оперативна процедура за одржување на јавен ред и мир и јавни собири и спортски натпревари, Упатството за воспоставување на организациски процедури за управување команди и контрола при вршење на полициските работи познато како златна, сребрена и бронзена команда, а основот за формирањето на оперативните акции е Упатството за криминалистички истражувања и справување со криминални групи. Наведе дека ова се подзаконски акти кои се однесуваат и имаат врска со обезбедување на јавни собири, а ја регулираат обврската на полицијата при вакви јавни собири. Оперативната акција „Платформа“ е оформена врз основа на Упатството за криминалистички истражувања и справување со криминални групи согласно чл.81 од истото упатство, која Оперативна акција се воспоставува врз основа на поднесен предлог, а предлогот за оперативната акција потребно е да содржи покрај другото и причини за отворањето на оперативната акција, називот, односно псевдонимот на оперативната акција, како и членовите на оперативниот штаб. Истата материја, односно ова тело што сите најчесто го употребуваат како Оперативен штаб е уредено во чл.14 од Упатството за златна, сребрена и бронзена команда како оперативна канцеларија со командна структура, која оперативна канцеларија е составена од златен и сребрен командир, технички персонал, аналитичар и советници, значи станува збор за едно исто тело кое што во две упатства се користи со разни терминологии. Појасни и тоа дека во едното Упатство е Оперативен штаб со членови на Оперативен штаб, а Упатството за златна, сребрена и бронзена команда е оперативна канцеларија со воспоставена командна структура на златна, сребрена команда и советници. Наведе дека тој спаѓа во групата на советници, а согласно другото упатство, во групата на членови на Оперативниот штаб. Во Упатството за златна, сребрена и бронзена команда, напомена дека во член 4 од истото, кое се надоврзува на член 14, каде што во став 2 стои „Златната команда е само една и може да има советници од различни области“, а во конкретниот случај во „Платформа“, советниците од различни области, односно членовите на Оперативниот штаб, биле од различни организациски единици. Наведе дека златната команда е една и единствена, а тој бил советник во Оперативниот штаб. Појасни дека во предлогот за формирање на Оперативната акција е наведен составот на Оперативниот штаб со име и презиме и сите членови на Оперативниот штаб, а во истиот предлог е наведен и составот на Оперативниот тим, а во самиот предлог стои дека членовите на Оперативниот штаб се помошно тело на Раководителот на штабот,

односно на златниот командир со тоа што тие ги извршуваат задачите на Раководителот на штабот и обратно со сите информации со кои што располагаат организационите единици од кои што потекнуваат, ги пренесуваат према Раководителот на штабот, односно златниот командир. Организациските единици кои што се со поголем обем на работа во врска со таа отворена Оперативна акција имаат повеќе членови во Оперативниот штаб, а додека организациските единици кои што се со помал обем на работа имаат по еден член во Оперативниот штаб. Оперативниот тим е формиран исто така како помошно тело на Оперативниот штаб, односно како продолжена рака на членот на Оперативниот штаб, а тоа значи дека ако еден член од Оперативниот штаб, односно златната команда добие некоја задача која што е од пообемен карактер, истата ја пренесува на членот на Оперативниот тим во зависност од тоа колку члена има во Оперативниот тим, тоа значи дека може да пренесе на тројца членови или на двајцата членови, а повратната информација околу завршената активност, односно завршената задача дадена од Раководителот на штабот, ја пренесува членот на штабот према Раководителот на штабот. Појасни дека Оперативниот штаб при МВР, односно штабот формиран во БЈБ е на стратешко ниво и тој има надлежност на територијата на цела РМ. Тактичката надлежност ја имаат Секторите за внатрешни работи, а за поуспешно извршување на тактичките задачи на локално ниво формирани се и помошни штабови на кои што раководители се началниците на Сектори за внатрешни работи, што значи дека Секторот за внатрешни работи е одговорен за спроведување на сите задачи на тактичко и на оперативно ниво. На 27.04. тактичкото ниво на обврски било на сребрената команда, односно на помошниот штаб на СВР С., а оперативниот дел, односно на лице место за спроведување на задачите било на бронзената команда што е исто така од СВР С., односно одговорниот на надворешното обезбедување на Собрание, а тоа бил С.З., а освен него, тој ден во врска со Собранието имало и друго лице со бронзена команда. Командната структура во врска со оперативна акција воспоставена во врска со Оперативна акција „Платформа“ функционирала од 08.03.2017 година, со последниот анекс Предлог за измени и дополнување на планот во врска со Оперативната акција „Платформа“. Согласно овој предлог од 08.03.2017 година, за златна команда бил определен сега обвинетиот Митко Чавков, а негови заменици, биле тогашниот и сегашниот Заменик директор на БЈБ Б. Д. и Државниот советник во БЈБ, С. Г. . Носители на сребрена команда, согласно последиот предлог биле Началникот на Централните полициски служби, Г.Ѓ. кој што бил и член на Оперативниот штаб, Помошникот директор, С.С. во Одделот за униформирана полиција, Помошникот директор на Одделот за криминалистичка полиција, М.Н. и Помошникот директор на ОКРА, А.Т. . Овие лица што ги наведува се носителите на командите златна и сребрена на стратешко ниво, додека на оперативно ниво за сребрени командири биле определени со име и презиме началниците на секторите за внатрешни работи, а за СВР С. тоа бил

Началникот на СВР С., И. В. . Појасни дека на оперативно ниво имало две бронзени команди и тоа едната бронзена команда била одговорниот на надворешното обезбедување, тоа бил С. З., а другата бронзена команда била одговорниот на внатрешното обезбедување на Собранието на РМ, мисли дека тоа било лицето А. Ј., а имало и резервна трета бронзена команда, тоа бил одговорниот на силите на ОСПО кои што биле во надлежност на С.З. како одговорен на целокупното надворешно обезбедување, па така било предвидено доколку во случај да дојде до нарушување на јавниот ред и мир и доколку одговорниот на внатрешното обезбедување му ја предаде командата за воспоставување на јавниот ред и мир на одреден дел на просторот што го обезбедува, во тој случај и тој е бронзена команда на делот на просторот и тоа во временски период додека не го воспостави нарушениот јавен ред и мир, а потоа треба да ја врати бронзената команда повторно и целосно на одговорниот на надворешното обезбедување. Во врска со тоа што значи „тактичко ниво“, наведе дека сите одлуки или наредби кои што би биле издадени на стратешко ниво, во конкретниот случај би биле издадени према Секторите за внатрешни работи, во тој случај, задача и обврска на Секторот за внатрешни работи, а во конкретниот случај СВР С., треба да посвети доволно внимание, да ја употреби сета стручност и ресурси што ги има на подрачјето на СВР С. и треба да донесе тактичка одлука за начинот на кој најпрофесионално ќе ја спроведе задачата добиена од стратешко ниво, а тоа на крајот завршува со изготвен оперативен план за постапување во кој оперативен план согласно Упатството за златна, сребрена и бронзена команда се содржани сите елементи кои што мора да ги содржи планот, кои се предвидени во Правилникот за начин и вршење на полициските работи, а командната структура се воспоставува согласно Упатството за златна, сребрена и бронзена команда, со тоа што и во тој оперативен план мора да постои строга хиерархија и прецизно определени имиња на златна, сребрена и бронзена команда, како што било случај со изготвениот План на СВР С. за 27.04.2017 година. Оперативниот штаб на стратешко ниво е составен од 17 члена со раководител на штабот или согласно Упатството за златна, бронзена и сребрена команда, од 17 советници и еден златен командир. Истакна дека на 27.04. во просторијата на Оперативниот штаб бил присутен само тој како член на Оперативниот штаб, а согласно донесената одлука од златната команда, за која мисли дека била донесена на 31.03.2017 година, донесена од златната команда, која одлука била внесена и во Записникот за работа во Оперативниот штаб за 31.03.2017 година. Во Оперативниот штаб задолжително морало да присуствуваат член од ЦПС, член од ОСПО, член од ОЗОЛО, член од ОУП, член од Секторот за полициски работи од општа надлежност од каде што тој доаѓа и член од ОКРА. Наведе дека ова биле задолжителните членови кои што морале секојдневно кога функционирал штабот да бидат присутни во него. Појасни дека на 27.04. исто како и останатите денови кога бил присутен во Оперативниот штаб дошол во 16:30 часот, време во кое редовно функционирал Оперативниот штаб и во просторијата дошле

и пет претставници од оперативниот тим и тоа Ѓ. С. од Секторот за полициски работи од општа надлежност, Т. Г. од Секторот за сообраќајни работи, С.Т. од Секторот за криминалистичка полиција, С.Т. од ОЗОЛО и Б. Ш. од ОКРА, а во оперативниот тим недостасувал член од ОСПО. За тој ден имале сознанија дека имало околу 20 или 22 јавни собири на подрачјето на целата држава, од кои еден во С. . Во таа размена на информации немало никаков податок за случување на насилство или нарушување на јавниот ред и мир на било кој јавен собир. По пристигнување на граѓаните кои што од Влада се упатиле према Собранието на РМ, како и вообичаено, истите се лоцирале на предниот дел од Собранието, односно према паркот „Жена борец" каде што имало поставено импровизирана бина и започнале со вообичаените говори како и на претходните јавни собири. Некаде околу 17:50 часот од одговорниот за внатрешното обезбедување членот на Оперативниот тим, С.Т. бил известен дека во Собранието се пеат химни и дека состојбата може да биде тензична. Бидејќи во просторијата каде што требало да функционира Оперативниот штаб, немало никакви технички уреди со кои што би можеле да ги следат настаните во и надвор од Собранието во врска со јавниот собир, преку телевизорот кој што бил во просторијата, го уклучиле на канал ТВ Нова каде што делумно давале снимка од внатрешниот дел од Собранието, а делумно и од надворешниот дел од Собранието. Некаде околу 18:00 часот како и редовно, биле известени дека Претседавачот на Собранието ја напуштил салата за седница на Собранието, по ова сметале дека седницата е завршена, па предложил, а членовите на оперативниот тим се согласиле, да на пратениците им овозможат да го напуштат Собранието од задната страна, односно преку вратата која што ја викаат „Гаража". Бидејќи сите се согласиле со ваквиот предлог, му дал насока на С.Т. да го извести одговорниот на внатрешното обезбедување и да им се овозможи на пратениците да го напуштат Собранието само од излезот „Гаражи" од причини што сметале дека не е добро тие да излегуваат од другите врати на Собранието и со тоа да бидат видени од граѓаните кои што биле на јавниот собир. По кратко време, некаде околу 18:05, С.Т. известил дека пратениците не ја напуштаат салата, меѓутоа не не знаел да каже зошто така постапуваат, причините не му биле познати. Околу 18:10 часот, од внатрешното обезбедување биле известени дека внатре се одржува седница, се избира Претседател на Собранието, меѓутоа проблеми нема, така им било кажано. Овој дел на изборот на Претседател на Собрание го следеле преку ТВ Нова, со мали прекини бидејќи тоа не бил директен пренос туку бил некој комбиниран пренос, меѓутоа имале слика и претстава за тоа што се случува внатре во салата, имено можеле да видат дека пратениците од ВМРО биле застанати на бината и на скалите што водат до бината, а пратениците на СДСМ, ДУИ и другите партии кои што бирале Претседател, тие биле на своите седишта, стоејќи од место избирале Претседател на Собранието. Бидејќи претходно С.Т. ги известил дека во салата не смее да пушти полициски службеници од внатрешно обезбедување за да ја следат состојбата, од

причини што за тоа било потребно согласност да даде Претседателот на Собранието, тие состојбата ја следеле преку телевизорот и фактички на тој начин имале целосен увид во салата каде што се бирал Претседателот на Собранието. Во тој период, јавниот собир надвор се одржувал мирно и без никакви проблеми и така се до некаде околу 18:20 или 18:30 часот, точно не знае и не можеле точно да го утврдат времето кога по радио врска од одговорниот за обезбедување на јавниот собир, било јавено дека граѓаните започнале да ја тресат полициската ограда. За кратко време по оваа објава, следела друга објава, а тоа било дека граѓаните се повлекле и дека состојбата е мирна. По добивањето на овој податок по радио врска, веднаш со порака преку неговиот мобилен телефон на Вибер го известил Раководителот на штабот, а тоа е Митко Чавков, кој му пратил повратна порака со содржина дека тој е во тек, дека масата е повикана од организаторот и дека нема да влегуваат внатре. Појасни дека веднаш штом го добиле податокот за избор на Претседател на Собранието, на колегите С.Ѓ. и Т.Ѓ. им дал насока да се јават на сите началници на одделенија за полиција во сите Сектори за внатрешни работи и веднаш да извршат проверка, односно да прибираат сознанија за можно движење на граѓани од другите градови према С.. Овој податок му бил потребен за да може навремено да го извести Раководителот на штабот, а исто така и сребрената команда, односно СВР С., со цел ако би имало такво движење да преземат дополнителни мерки за обезбедување на јавниот собир со поголем број на граѓани. По затресувањето на оградата на колегите Ѓ. и Т. им ја дал истата насока и побарал од нив веднаш уште еднаш да направат проверка во сите Сектори за внатрешни работи и да останат постојано во комуникација со началниците на одделенија на полиција и за било каков податок ако добијат за движење на граѓани од другите градови према С., да го известат веднаш. Исто така, на С. Т. му дал насока веднаш преку внатрешното обезбедување да го организира затварањето на вратите од Собранието од внатрешна страна, а исто така да постави и полициски службеници за обезбедување на истите од внатрешна страна. Некаде околу 18:40, 18:42 часот, повторно по радио врска, одговорниот на надворешното обезбедување, објавил дека во групата граѓани надвор, забележува лица со маски или качулки на главата кои биле облечени во црна облека. Напомена дека до овој период од СВР С., иако согласно телеграмата изготвена со насоки за постапување во отворената оперативна акција, како и согласно изготвениот План за мерки и активности за истата оперативна акција, Началникот на СВР С. имал обврска тој лично или од него определен полициски службеник да го известува Оперативниот штаб за секоја позначајна состојба која што ќе се случела на јавниот собир, што значи дека до тој момент до 18:44, никој во просторијата на Оперативниот штаб, ниту на мобилни, ниту на службени телефони се јавил и известил за некаква состојба. По објавата по радио врска за лицата со маски на главата, го побарал помошниот штаб на СВР С., односно членот на помошниот штаб К.Б. и го прашал дали слушнал за објавата за појава на лица со маски на главата, при што К. Б. му кажал

дека слушнал по радио врска, заради што му била дадена насока да со полициските службеници од терен изврши легитимирање на тие лица, на што К. му одговорил дека со расположивите полициски службеници не е во можност да го направи тоа, по што обвинетиот побарал легитимирањето да го стори преку полициските службеници од единицата „Алфа“, а на ова му било одговорено дека тие во тој момент се во база и прават смена, а по завршување на смената ќе ги упати пред Собрание со цел да извршат легитимирање на лицата со маски. За кратко време, пак по радио врска, од одговорното обезбедување било објавено дека граѓаните ја прескокнуваат полициската ограда и дека се упатуваат према вратите на Собранието. По добивање на оваа информација, веднаш го побарал К. Б. и му дал насока со постоечките полициски службеници да ги обезбеди вратите од надворешна страна на Собранието како и да ја разгледа можноста да прераспореди дел од полициските службеници кои што биле на обезбедување во салата „Јане Сандански“, како и полициските службеници од единицата „Алфа“ веднаш да ги упати пред Собранието, со цел да му помогне на одговорниот на надворешното обезбедување. Исто така, на С.Т. повторно му дал насока да го зголеми обезбедувањето од внатрешната страна на вратата од Собранието на кои што може да ги додаде полициските службеници кои што претходно биле обезбедени од Владата на РМ и да не дозволи отварање на вратите од внатрешна страна. Додека се давале овие насоки на К. Б. и на С.Т., од одговорниот на надворешното обезбедување биле известени, дека тој бил известен и дека граѓаните влегуваат во Собранието. По ова веднаш на С. Т. повторно му дал насоки да полициските службеници од внатрешното обезбедување ги премести пред салата каде што се наоѓаат пратениците со цел да ја заштитат таа врата и да не дозволат влегување на граѓаните во салата каде што биле пратениците и повторно го побарал К. Б. и на него му дал насока полициските службеници од ЕБР да ги упати веднаш пред салата каде што се наоѓаат пратениците и да му помогнат на внатрешното обезбедување за обезбедување на вратата каде што се наоѓаат пратениците. Некаде околу 19:07 или 19:10 часот, С. Т. ги известил дека е скршена некоја врата кај пратениците. Кај него лично, а мисли дека и кај останатите членови на Оперативниот тим, се создала претстава дека во тој момент граѓаните се влезени во салата каде што се наоѓаат пратениците, поради што тој повторно го побарал К. Б. со цел побара од него да го забрза прераспоредувањето на полициските службеници од надворешното обезбедување и да ги упати во салата каде што се пратениците. За влегувањето на граѓаните во Собранието, веднаш преку Вибер порака го известил Директорот на БЈБ, за што добил повратна порака со содржина дека е во тек и дека се превземаат сите потребни мерки. По кратко бреме добил известување од С.Т., дека вратата каде што се наоѓаат пратениците не е скршена, дека таа се обезбедува и дека пратениците се безбедни внатре, а дека била скршена некоја друга врата. Ова известување било некаде околу 19:15, 19:17 часот. Некаде околу 19:20 или нешто пред 19:20 часот, во просторијата каде што

е сместен Оперативниот штаб, дошол Министерот за внатрешни работи А.Н. со пет-шест полициски службеници кои спрема нивното однесување личеле дека се негово лично обезбедување. Министерот бил доста вознемирен и на висок тон при влегувањето во салата прашал „Кој е Д. Л.?“, па обвинетиот му се претставил, притоа Министерот побарал да биде информиран за состојбата во Собранието. Тој го информирал, а информирањето било дека граѓаните се влезени во Собранието, во моментот пратениците се обезбедуват во салата, потоа разбрал дека салата се викала Прес сала и дека се прават напори да дел од полициските службеници од надворешното обезбедување стасаат во салата каде што се наоѓаат пратениците и да помогнат на внатрешеното обезбедување. После ова информирање, Министерот на висок тон почнал да кажува дека се повредени пратеници во Собранието и дека никој ништо не превзема, рекол „ова ли е штаб“, во исто време почнал да кажува дека го бара Раководителот на штабот од 19:00 часот, истиот не му се јавувал, па така целиот гнев што го имал во себе во однос на тоа нејавување од страна на Раководителот на штабот, Министерот го „истурил“ на него без никаква причина како и на останатите членови на Оперативниот тим. По тоа известување од негова страна дека се влезени граѓаните во салата каде што се наоѓаат пратениците, обвинетиот повторно му се јавил на С. Т. и му дал насока уште еднаш да провери за да имаат точна информација и по извршената проверка во присуство на Министерот, С. му кажал дека граѓаните не се влезени во салата кај пратениците. Потоа Министерот се упатил према членот на Оперативниот тим од ОКРА Б. Ш. која што истовремено го водела и записникот и почнал да диктира на глас наведувајќи колку пати го барал Директорот на БЈБ или Раководителот на штабот, а во тоа диктирање издал и наредба веднаш, односно побарал веднаш да се преземат сите мерки за заштита на пратениците во Собранието, односно го употребил зборот „да се спасат“. Обвинетиот веднаш телефонски го побарал Раководителот на штабот Митко Чавков, го известил за присуството на Министерот во штабот и за барањето да веднаш се превземат мерки за да се спасат пратениците, а при ова од Директорот бил известен дека е во тек и дека превзема мерки, по што обвинетиот телефонски му се јавил на Началникот на ЦПС, член на оперативниот штаб Г.Ѓ. и носител на сребрената команда и го известил за присуството на Министерот во Оперативниот штаб како и за неговото барање да се преземат сите мерки и да се спасат пратениците во Собранието. На ова Г. Ѓ. му одговорил дека е во тек со состојбата во Собранието и дека командантите на единиците се запознаени и се дадени насоки за постапување. Потоа обвинетиот веднаш му се јавил на К. Б. со кого имал повеќе разговори, сите во правец на упатување на полициски службеници во салата каде што биле пратениците, со цел нивна заштита. Мисли дека во тој период имал контакти и со И. В., сребрената команда и тоа на истата тема за упатување на полициски службеници во Прес салата, а исто така во периодот некаде околу 19:00 часот за истата состојба биле информирани Заменикот директорот Б. Д. и Помошник

директорот С. С. . Откако Министерот повторно известил дека не им се помага на пратениците во салата, а како немало директен пренос од салата, туку од време на време оделе некои инсерти, на инсертите се гледало дека има луѓе во салата и дека има нарушување на јавниот ред и мир, обвинетиот телефонски го побарал и Началникот на ОСПО Митко Пешов, меѓутоа со него не успеал да воспостави контакт, мисли дека има два-три обиди неуспешни, по што го побарал Помошник началникот на Централните полициски служби С. М., кој го известил дека е во тек со состојбата и дека се упатуваат дополнителни полициски сили према Собрание и дека тој доаѓа во штабот. Колку што се сеќава, обвинетиот имал со него повеќе разговори, сите биле во правец на тоа што тој побарал да се организира од внатрешно обезбедување да биде отворена задната врата, односно вратата од кај „Гаражи" за да може колегите од ОСПО кои доаѓаат на испомош да влезат во Собранието и да се упатат према салата каде што се наоѓаат пратениците. Обвинетиот му дал насока на С.Т. преку колега од внатрешно обезбедување кој што е на таа врата, да ја отвори вратата, а истото барање го упатил и према К. Б. да истиот од надвор организира можност за силите на ОСПО да ја отворат вратата, за да можат тие да влезат во Собранието на најбрз можен начин. По второто јавување од С.М. бил известен дека вратата сеуште не е отворена, па обвинетиот директно телефонски го повикал одговорниот на надворешното обезбедување З. С. и му ја пренел директно задачата да ја отворат вратата т.н. „Гаражи" за да можат да влезат дополнителните полициски сили од ОСПО, но и по тој разговор обидот за отварање на вратата бил неуспешен, така да со С. се договориле да полициските сили од ОСПО ги упати на предната врата од каде што влегувале граѓаните и од таму слободно да влезат и на најбрз начин да се упатат во салата каде што се пратениците. Некаде околу 20:00 или 20:05 часот, во просторијата на штабот пристигнал Раководителот на штабот Митко Чавков и повеќе членови, по што Министерот станал многу посмирен, пооперативен, мисли дека тие заедно седеле еден до друг со Директорот и нешто разговарале, но се почувствувало дека веќе притисокот попуштил, попуштил притисокот према обвинетиот и од тој момент комуникацијата била со Директорот на БЈБ. Во овој период до 20 часот, тој со К.Б. имал остварено најмалку 18-19 комуникации од кои што сите биле од негова страна како повикувач, а од страна на Кирил бил 2-3 пати повикан. Наведе дека тој ден на 27.04., СВР С. не побарало ништо од обвинетиот, не побарало ништо од Опертативниот штаб при МВР. Наведе и тоа дека бронзената команда при СВР С. не побарала ништо од Оперативниот штаб, а појасни дека бронзената команда својата комуникација по радио врска ја имала со помошниот штаб на СВР С. и ги повикувала на знак кога барале нешто „Треска-500", тоа е повикувачки знак на дежурната служба на СВР С., односно на Единицата за команда, Единицата за известување и команда. Во врска со тоа зошто не наредил евакуација иако С. Т. од 18,00 часот почнал да бара евакуација, наведе дека терминот евакуација во штабот не бил употребен ни од С.Т., ниту од министерот. Терминот евакуација го

употребил само обвинетиот и тоа кога му реферирал на Министерот кога тој пристигнал во штабот при што кажал „кога ќе се обезбедат добро пратениците во просторијата во која што се наоѓаат, тогаш ќе почнеме да создаваме услови за нивна евакуација надвор“. За тоа дека С. барал евакуација во 18,20 часот, обвинетиот појасни дека во тоа време се бирал претседател на Собрание, според информациите што тој ги добил, а и од тоа што го гледал на ТВ нова, иако атмосферата не била сјајна, сепак немало потреба од интервенција бидејќи немало тепачки или напади према пратениците, а надвор јавниот собир се одвивал мирно како и претходните денови, а за барањето за евакуација во 18:50 часот, обвинетиот такво нешто не слушнал, не слушнал дека некој го употребил овој термин, но и да го употребел, немало никаква можност за евакуација од причина што во тоа време веќе граѓаните биле на сите влезови во Собранието и во такви услови немало можност да се организира евакуација за пратениците да бидат изнесени надвор од собраниската зграда, а за внатрешниот дел на Собранието, обвинетиот нагласи дека тој никогаш внатре немал влезено, воопшто не го познава Собранието, нема претстава каде е таа Прес сала или некоја друга побезбедна просторија. Појасни дека тоа е работа на внатрешното обезбедување, а таков предлог или барање од нив немало. Појасни и тоа дека тој како член на штабот од Секторот за полициски работи од општа надлежност, ниту во редовното работење, ниту како член на Оперативниот штаб, имал можност и право да издава наредба на припадници на ОСПО. Согласно член 20 од Упатството за златна, сребрена и бронзена команда, одлука за активирање на посебните и специјалните единици, може да даде Началникот на Централните полициски служби, Директорот на БЈБ или Министерот за внатрешни работи, а тој во никој случај не можел да издаде таква наредба. Наведе дека на 27.04. во Оперативниот штаб, неговата улога била член на Оперативниот штаб од Секторот за оперативни работи од општа надлежност. Неговата улога била следење на состојбата на сите јавни собири на подрачјето на РМ и тоа преку членовите на оперативниот тим, а за сите покарактеристични состојби и добиени сознанија го известувал Раководителот на штабот кој понатаму по негова проценка требало да донесе соодветна одлука или да издаде соодветна наредба, во случај да добиел наредба од Раководителот на штабот, Митко Чавков во тој случај дали тој, дали преку членовите на Оперативниот тим, ја пренесувале издадената наредба до надлежниот за постапување по истите. Појасни дека со Митко Чавков телефонски се слушнале само еднаш и тоа пред тресењето на заштитната ограда, првиот пат телефонски се слушнале во 19:20 часот и тоа веднаш по пристигнувањето на Министерот во Оперативниот штаб, а претходно имале комуникација преку Вибер порака во 18:20 часот при тресењето на полициската ограда и околу 18:50 часот кога граѓаните влегле во Собранието на РМ, а можно е и да имале евентуално и друг контакт исто преку Вибер, меѓутоа не се сеќава, можно е да имал и Вибер комуникација со Помошникот директор С.С. за кого не се сеќава дали бил присутен сабајлето, а ако не бил

присутен, највероjатно му пратил Вибер порака со содржина дека се најавени јавни собири на подрачјето на РМ, што всушност и било негова обврска, односно тоа било нивна обврска како сектор да ги евидентираат тие информации и да ги пласираат до Раководителот на штабот и членови на штабот. Појасни дека првиот момент кога кај него се створило чувство дека нешто се случува пред Собранието, било кога одговорниот пред Собранието по радио врска објавил дека има забележано лица со качулки на главата, тоа било некаде околу 18:42 или 18:41 часот, на ова време се сеќава бидејќи веднаш кога ја слушнал ваквата објава во 18:44 часот, телефонски го контактирал К.Б. за да провери за што се работи. Смета дека од негова страна се превземени сите мерки во рамките на неговите надлежности со давање на повеќе насоки према членот на Оперативниот штаб во СВР С. кој што ја има тактичката улога во спроведувањето на обезбедувањето на овој јавен собир, а кои насоки во поголемиот дел биле спроведени. Воедно наведе дека некаде околу 20:05 часот дошло првото засилување од ОСПО, тоа е времето кога не успеале колегите од надворешното и внатрешното обезбедување да ја отворат вратата од „Гаража“. Појасни дека таа вечер за сите случувања бил составен записник, а го составила Б. Ш. која била претставник на Оперативниот тим на ОКРА. Записникот бил составен вечерта и во него генерално било се внесено од моментот на пристигнувањето на Министерот во штабот, па понатаму се до завршување на акцијата.

Судот не ја прифати ваквата одбрана на обвинетиот од причина што истата е спротивна на изведените и претходно анализирани докази. Имено, неспорно е дека овој обвинет бил член на Оперативниот штаб од самиот почеток на Оперативната акција „Платформа“ кое нешто и самиот тој не го спори, а воедно не оспорува и дека од сведокот К. Б. бил известен за ситуацијата пред Собранието во смисла дека е пробиена заштитната ограда, пробиен бил првиот кордон, а масата народ била на вратите на Собранието со обид да влезе во Собранието, а дополнително некаде околу 18:45 часот овој сведок добил информација дека дел од масата е во внатрешноста на Собранието за што го известил обвинетиот Д.Л. . Самиот обвинет не оспорува дека имал информации дека пред Собранието поточно во „Жена Борец“ имало лица со фантомки, бил известен за тресењето на оградите и за влезот на толпата народ во Собранието, како и нивното влегување во Прес салата. Воедно, судот тука мора повторно да се осврне на исказот на сведокот, а тогаш Министер А.Н. кој што веднаш по влегувањето во Оперативниот штаб барал да се ангажираат специјааните полициски сили, да се спасат пратениците, но обвинетиот Д. Л. не превземал ништо. Самиот обвинет наведува дека неговата улога била следење на состојбата на сите јавни собири на подрачјето на РМ и тоа преку членовите на Оперативниот тим, а за сите покарактеристични состојби и добиени сознанија го известувал Раководителот на штабот, но притоа самиот тој вели дека со Митко Чавков кој бил раководител на

штабот телефонски се слушнал само еднаш во 19:20 часот и тоа веднаш по пристигнувањето на Министерот во Оперативниот штаб, а претходно имале комуникација преку Вибер порака во 18:20 часот при тресењето на полициската ограда и околу 18:50 часот кога граѓаните влегле во Собранието, па оттука повторно произлегува дека истиот не постапувал согласно овластувања. Во поглед на неговите телефонски комуникации судот веќе се произнесе, а и во поглед на исказите на сведоците. Меѓутоа судот сепак мора да нагласи дека овој обвинет бил известен дека се пеела албанската химна и дека се треселе заштитните огради и уште тогаш Началникот на внатрешното обезбедување А. Ј. барал од сведокот С. Т. кој се наоѓал во Оперативниот штаб одобрение да изврши евакуација на пратениците. Ваквото барање сведокот веднаш го пренел на обвинетиот Д. Л. кој бил негов претпоставен, но обвинетиот на таквото барање само со раката посочил во смисла да почека. Вакво барање од Началникот А. Ј. било упатено уште неколку пати, но не добил одобрение.

Судот ги ценеше и наводите на обвинетиот и неговиот бранител во делот каде што се повикува на чл.29 од КЗ, но во овој дел судот се произнесе ценејќи ја одбраната на обвинетиот Митко Пешов. Воедно беше наведено дека дека Јавното обвинителство не презентирало, ниту пак извело било каков вербален или материјален доказ кој би упатил на евентуално постоење на директна умисла кај него, поконкретно на неговата евентуална намера за загрозување на уставниот поредок или безбедноста на РМ, ниту пак презентирало и извело доказ дека тој свесно со свои дејствија предизвикал акт на насилство, меѓутоа судот не може да ги прифати ваквите наводи на одбраната при што токму тука мора да нагласи дека со чл.13 од КЗ не се дефинира општиот поим на умислата, но оваа одредба ја определува содржината на двата вида умисла, а тоа е директната и евентуалната. Заеднички елементи се свеста за делото и волјата за неговото извршување, кај директната умисла определена како сакање на делото, а кај евентуалната како согласување со неговата последица. Умислата значи свесно и волево извршување на казнивото дело. Директна умисла има кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување, а во поглед на евентуалната умисла може да се каже дека делото е сторено со ваква умисла кога сторителот бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување. Наспорно е дека обвинетиот е висок полициски службеник со долгогодишно работно искуство во МВР, па со самото тоа тој бил свесен за последиците кои што можат да настапат со таквиот негов начин на однесување. За него секако дека било јасно што значело тресењето на заштитните огради и доаѓањето на толпата народ пред вратите на Собранието, а уште повеќе влезот на толпата народ во внтрешноста на Собранието и не може судот да ја прифати неговата одбрана дека тој имал наводно Вибер комуникација со Раководителот на Оперативниот штаб, а прво телефонско слушање со истиот да биде откако тогашниот Министер

А. Н. дошол во Оперативниот штаб. За неговиот однос кон тогашниот Министер А. Н. веќе е наведено при анализата на сведокот А.Н. .

Обвинетиот Горан Ѓошевски во своја одбрана наведе дека од месец јануари 1992 година вработен е во МВР на РМ како полициски службеник со тоа што на 27 април 2017 година бил на работното место Началник на личното обезбедување на Претседателот на Собранието. Појасни дека неговите работни задачи како Началник на лично обезбедување на Претседател на Собрание се преточени стриктно во стандардната оперативна структура и тоа значи дека лично се грижеле за живот на Претседателот на Собрание, се грижеле за неговиот телесен интегритет, местото на живеење, го обезбедувале на сите негови движења 24-часовно, а сето тоа било согласно Уредба донесена од страна на Владата на РМ преку МВР. Тој ден, на 27 април, како и во сите работни денови, бил на работа со неговиот тим за работа за обезбедување на Претседателот на редовни работни задачи. Наведе дека по изборите на 11 декември 2016 година, Собранието технички и немало Претседател. Конститутивната седница за бирање, за верификување на мандатите на новоизбраните пратеници на која што со претходно искуство се бирало Претседател, се одржала на 30 декември и тогаш не бил избран Претседател на Собрание. Според тоа, функцијата Претседател на Собрание на Т. В., на 30 декември престанала како Претседател и од негова страна му било посочено на обвинетиот дека тој се додека не се избере Претседател на Собрание продолжува со вршење на функција Претседавач на Собрание. Појасни дека согласно неговите овластувања и согласно прописите утврдени во МВР, обвинетиот на 30.12.2016 година, доставил службен допис до Одделот за заштита на определени личности и објекти и тоа до Началникот на Одделот Т.С. и Началникот на Сектор за физичко и лично обезбедување на личности С. Т., со кој службен допис ги известил дека на тој ден 30.12.2016 година, функцијата Претседател на Собранието кого што дотогаш го обезбедувале, завршува, а со истиот тој допис се обратил до неговите директни претпоставени за да тие се изјаснат што ќе се прави понатаму. Ова го направил од причина што до тогаш во пракса не се случило на прва седница на конституирање на парламент, да не се избере Претседател, па тој како припадник на МВР заедно со неговите колеги, одредени за лично обезбедување на Претседателот на Собрание, поточно тој како началник, сакал да добие писмен или усмен одговор или насока што понатаму со Претседавачот на Собрание. По новогодишните празници добил усно известување од Началникот на Оддел Т. С., дека до избор на Претседател, треба да остане со неговата екипа со која што раководи како обезбедување на Претседавач, но дека нема да добие писмена одлука заради тоа што согласно Уредбата за обезбедување на високи функционери, не постои термин обезбедување на Претседавач, освен со посебен акт донесен од Министерот за внатрешни работи. Во меѓувреме почнале и протестите организирани од Здружението „За заедничка М.“.Тоа биле секојдневни протести, тие како Одделение си ги извршувале работните задачи

редовно и нормално. Имало денови кога протестите продолжувале пред седиштето на партијата СДСМ, имало денови кога протестите се одвивале пред седиштето на ВМРО ДПМНЕ, меѓутоа со оглед дека тоа биле мирни протести, немале никакви сознанија или индиции дека можат да бидат насилни, работата продолжувала по редовен тек. Некаде кон крајот на месец март, Началникот на собраниското обезбедување А. Ј., дошол кај него во канцеларија, а како и двајцата се од МВР кои се со работни задачи поврзани со обезбедување, нивните работни простории се наоѓале во Собранието и биле блиски, во разговорот со Началникот на собраниското обезбедување, тој му кажал на обвинетиот дека бил формиран штаб Оперативна акција „Платформа", која имала за цел, следење на протестите. Обвинетиот во тој разговор го известил и му кажал дека ниту бил повикан, ниту е дел од оперативни тимови, ниту дел од Оперативен штаб. Ј. го известил дека согласно Стандардните оперативни процедури и задачите кои обвинетиот ги имал, на него му е лесно поради тоа што обвинетиот се грижи само за една личност, а тој бил должен како член на штабот да се грижи за уште 119 личности, пратеници. Во разговорот се запознале со проблемите кои што обично можат да настанат доколку излезе некој проблем при одржување на седниците и при бирањето на Претседател. Главниот проблем што бил посочен од Ј. било дека тој како Началник на собраниското обезбедување т.е. внатрешно обезбедување на Собранието, има проблем поврзан со недостаток на луѓе во неговото Одделение за да во дадена состојба или ситуација може да одговори со доволен број полицајци. Обвинетиот наведе дека тој не бил член на Оперативен штаб, ниту бил повикан на состанок од неговите директни претпоставени да биде известен, ниту било побарано од него изготвување план за реагирање и затоа имале редовна комуникација со Началникот на собраниското обезбедување А. Ј. . Појасни дека Одделот за заштита на определени личности и објекти спаѓа во Централните полициски служби и во тој Оддел се содржат неколку сектори, Сектор за физичко и лично обезбедување на високи функционери, Сектор за внатрешно и надворешно обезбедување на објекти од витална важност, Сектор за превентивно делување, а неговото Одделение за лично обезбедување на Претседател на Собрание, спаѓа во Секторот за физичко и лично обезбедување на личности, додека објектите, односно во конкретниот случај Собранието, спаѓа во надлежност во Секторот за внатрешно и надворешно обезбедување на објекти од витална важност. Негов непосреден старешина, согласно хиерархијата бил началникот на Сектор, С.Т. . Истакна дека на 27 април бил на работа, а како и сите претходни денови, тимот за обезбедување на Претседателот на Собранието ги извршувал редовните тековни задачи, односно без оглед дека имало Претседавач, а не Претседател, тие морале секогаш да бидат подготвени со нивните материјално-технички средства кои што ги поседувале, тоа значи за возилата, опремата требала да биде секогаш онаму каде што е тоа предвидено. Воедно наведе дека во тој период, поточно од 17 април, имал и лични домашни проблеми,

односно секојдневно два до три пати морал да оди со екипа на домашна посета кај неговата мајка која што била тогаш неподвижна за да и дадат соодветна терапија. На 27.04.2017 година на работа отишол околу 8:30-8:45 часот каде ги извршувал редовните задачи, а околу 15:00 часот, одржал состанок со тимот. Целта била претходно добиена телеграма од МВР во која што било наведено дека припадниците кои што не користеле годишни одмори, можат да бидат пуштени на годишен одмор, па луѓето што требало да одат на одмор биле ослободени од работа во 16:00 часот, им било дозволено да си заминат дома. По 16:00 часот одржал краток брифинг со луѓето одредени за тој период да бидат во втора смена, а тоа биле М.М., И.С., Т. Д., секој со своја задача, односно И.С. претходница, М. М. лично обезбедување, Т. Д. возач на Претседавачот и им било наредено да по завршеток на седницата го известат обвинетиот телефонски за тоа кога Претседавачот заминал дома, по што околу 16:30 – 16:45 часот обавил разговор со Началникот на собраниското обезбедување А. Ј. со кој имале редовна комуникација околу настаните, на кого му кажал дека неговите луѓе се на своите задачи, го известил за тоа дека тој си заминува дома и се договориле ако има нешто дополнително, во тој случај ќе се слушнат, по што обвинетиот заминал дома. Некаде после 17:50 часот, колегата М. М. преку порака го известил дека во Собранието се пеат химни и дека има вознемиреност меѓу пратениците. Тој по добивањето на оваа информација, му рекол на М. да остане пред Сала 1 се додека е таму Претседавачот, мислејќи дека седницата ќе се заврши онака како што и претходно завршувала. Во меѓувреме добил СМС пораки од Претседавачот, обвинетиот претпоставува дека во тој момент тој бил во Пленарната сала и побарал од обвинетиот да го извести Ј. и да му каже да постави луѓе внатре во салата со цел обезбедување, за да не дојде до физички конктакт, односно да не дојде до пресметка помеѓу пратениците од ВМРО ДПМНЕ и пратениците од СДСМ. На ова обвинетиот одговорил преку СМС порака „Во ред“, меѓутоа не можел во СМС пораката да му објасни дека се додека седницата се одвива мирно, без физички напади и контакти помеѓу пратениците, полицаец не смее да влезе внатре без повик на Претседател или Претседавач, по што М. М. повторно му се јавил и му кажал дека, тоа било во 18:00 часот, дека Претседавачот ја прекинал седницата, дека излегол од салата, дека на него лично му се обратил и му рекол „Внимавајте на кабинетот“. М. ова му го пренесел, а потоа обвинетиот се подготвил и најбрзо што можел се упатил кон Собранието. Во меѓувреме, примил пораки од В., имал повици и од колеги меѓу кои и од колегата А.Ј., кој го известил дека се пееле химни, дека седницата Претседавачот ја прекинал и дека сега понатаму не се знае што ќе се прави во Собранието. Обвинетиот го известил дека доаѓа кон Собранието. Во Собрание пристигнал околу 18 часот и 20 минути, релативно брзо, но не можел да види каква е состојбата во Пленарната сала, се качил во кабинетот, односно отишол таму каде што се наоѓала неговата канцеларија. М. на кратко го известил за тоа што се случувало, а во меѓувреме добил порака од Претседавачот кој го прашал дали е во

Собранието и ако е тука веднаш да влезе кај него. Обвинетиот ова го направил, влегол во неговиот кабинет и прашал што се случува, Претседавачот го известил, односно му кажал дека долу во Парламентарната сала се бирал Претседател и дека доколку се избере Претседател на Собрание, има опасност да пратениците од СДСМ со коалицијата која што сака да избере претседател, ќе се обиде насилно да го исфрли од кабинетот, а сето тоа парламентарната група од ВМРО ДПМНЕ ќе се обиде да го спречи, а неговото мислење било дека тоа ќе се случува во кабинетот на Претседавачот, па му кажал „обезбедете го кабинетот". Обвинетиот појасни дека после ова тој морал да постапи по тоа што било побарано од него. Претседавачот му го дал клучот од неговото приватно возило за да го даде на некој од колегите, кој требало возилото да го дислоцира на безбедно место. Се симнал долу поради тоа што Пленарната сала се наоѓа под кабинетот на Претседавачот за да види каква е состојбата и што треба да превземе. Кога се симнал првиот пат, во холот немало никој, немало ниту од внатрешното обезбедување, ниту пак пратеници во холот, таму била присутна само една пратеничка за која што подоцна разбрал дека се вика Ж. П. . Повторно се качил во кабинетот, во меѓувреме му се јавил на колегата Ј. и му побарал луѓе од внатрешното обезбедување за обезбедување на кабинетот. Тој го известил дека не располага со луѓе освен со редовната смена и дека веќе се јавил во Оперативниот штаб и побарал помош за внатрешно обезбедување на Собранието, на ова обвинетиот одговорил „во ред барај ти, ќе барам и јас". Обвинетиот прво му се јавил на телефон на поранешниот Началник на ЦПС, Г. С. и му кажал дека му е потребно засилување од луѓе, на што С. му одговорил дека тој не е на работа и му рекол „побарај го директорот Митко Чавков". По овој телефонски разговор, обвинетиот го побарал Директорот на телефонски број што го имал од претходно, меѓутоа не остварил телефонски контакт со Чавков, па потоа му се јавил на Началникот на Сектор, С.Т. кој го известил дека се наоѓа во штабот, му кажал и тоа дека ќе се организираат, дека ќе испратат луѓе за физичко и лично обезбедување на ВИП личности и исто така му кажал дека Началникот на Оддел, Т. С. е на одмор, Заменикот началник на Оддел, Г. М. е на одмор, дека Началникот на Сектор за внатрешно обезбедување, О. И. е на одмор и дека моментално само тој и Началникот на Сектор, Оливер Поповски се на работа, заменувајќи го Началникот Т. С.. По завршување на тој разговор, обвинетиот се слушнал со Началникот на Сектор за превентивно делување и го известил дека има потреба од луѓе во Собрание, на што Оливер Поповски му кажал дека доаѓа во Собрание и дека ќе се обезбедат луѓе. Повторно имал комуникација со Советникот Г. С. на кого му кажал дека не го добил Директорот, по што С. му го кажал бројот, а тоа бил истиот број на кој веќе обвинетиот се обидел да стапи во контакт со Чавков. По разговорот со С., обвинетиот видел дека во меѓувреме Чавков го побарал, но тој не го слушнал телефонот, па потоа успеал да стапи во контакт со Чавков, се слушнале и тогаш Чавков го прашал „што е проблемот". Обвинетиот му кажал дека во Собрание се

бира Претседател, дека меѓу пратениците има тензија во Пленарната сала, дека може да дојде до судир меѓу пратениците. Појасни дека тогаш воопшто не се посомневале дека може нешто да се случи и од надвор. Чавков му кажал дека ќе бидат повлечени луѓе од внатрешно обезбедување од останатите објекти со цел помош на внатрешното обезбедување. Обвинетиот потоа се качил горе, повторно влегол во кабинетот на Т. В., му кажал дека во холот нема никаква раздвиженост, потоа излегол од неговиот кабинет, меѓутоа, кога бил во просторијата каде што се сместени техничките секретари на Претседателот, низ прозорот видел како маса луѓе ги прескокнува оградите и со трчање се приближува кон Собранието, меѓутоа поради тоа што кабинетот се наоѓа директно врз терасата која што го заштитува главниот влез на Собрание, не можел да види што се случува пред вратата. Се симнал надолу, симнувајќи се, се разминал со колегата од внатрешно обезбедување Абдуљфета Алими, кој носел нешто во рацете, се симнал долу, ги затекнал колегата од внатрешното обезбедување В. С. и пратеникот Крсто Мукоски на централната врата, двајцата ја држеле гредата од обезбедување на вратата. Кога ова го видел, обвинетиот им рекол да ја оставаат вратата. Колегата В. С. и пратеникот ја вратиле гредата на вратата. Во тој момент од неговата десна страна го видел колегата Оливер Поповски, се упатил кај него за да го повтори неговото барање за помош на луѓе, се поздравил, му го пренел истото, по што тој му рекол „еве барам", потоа обвинетиот се вратил накај скалите за да се качи кон кабинетот на Т. В. . Пред скалите стоел колегата од внатрешното обезбедување Абдуљфета Алими, на поминување поминал покрај пратеникот Јохан Тарчуловски, а во холот имало поголема раздвиженост на пратеници, повеќето или скоро сите, не може да каже дали тоа биле пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи сите не ги познава. Кога се приближил до Абдуљфета Алими, го прашал за тоа каде се клучевите, Абдуљфета ги извадил од џеб иако не му ги побарал, кога ги извадил од џеб, клучевите му паднале, а кога обвинетиот се наведнал да ги земе клучевите, тогаш слушнал тресок на вратите, кога се завртел видел дека десната врата од главниот влез се отворила и почнала да навлегува маса луѓе, по што клучевите ги ставил во рака на колегата Абдуљфета и му се обратил со зборовите „бегај горе пред кабинет". Кренал рака знаејќи дека во тој момент во холот имало и други припадници на внатрешно обезбедување, ја кренал раката со намера да им каже да се качат горе, по што и тој со трчање се упатил кон кабинетот на Претседавачот. Кога дошол некаде на средина на скалите, се завртел и видел дека поголема бројка на луѓе кои што не се вработени во Собранието, не можел да ги познае, видел дека се качуваат нагоре, застанал и се обидел да ги одврати од намерата да се качат горе пред кабинетот, тие извикувале пароли „М., М.", обвинетиот застанал и масата застанала пред него. Од долната страна имало луѓе исто така влезени кои што ги повикувале „не горе, симнете се доле" и обвинетиот им кажал „еве ви ги, ве повикуваат долу". Масата се симнала по скалите. Подоцна, откако скалите се ослободиле, немало ниту еден што бил влезен во Собранието,

се поставил еден кордон од 6 или 7 полицајци од ЕБР, Единицата ЕБР на скалите, а обвинетиот се повлекол пред кабинетот и таму ги повикал неговите подредени да бидат присутни со него, со цело обезбедување на кабинетот на Т. В.. Т. В. го известил дека масата е влезена внатре и дека вратите се отворени и тој му кажал „остани пред кабинетот“, така и било постапено. Појасни дека од неговиот непосреден старешина не добил насоки за постапување, иако и неговиот непосреден старешина бил повикан од страна на обвинетиот и било побарано да испратат луѓе во Собранието, но неговиот старешина ниту повторно го контактирал на телефон, ниту му се јавил, ниту дошол колега од Одделот за обезбедување да каже дека е пратен со цел испомош во Собранието. Напомена дека имајќи ги во предвид политичките состојби во државата наназад, никогаш во Влада на РМ, ниту пак во ниедно Министерство имало некаков проблем заради тоа што тоа се работи за инситутции каде што функционираат коалициони партнери меѓутоа секогаш проблемите избивале помеѓу пратениците од позиција и опозиција. Појасни дека тие како полицајци во обезбедување на функционер во Собрание, секогаш биле ставени во состојба во која секогаш треба да бидат подготвени за било каков настан. Појасни дека и претходно имало настани меѓу пратеници од спротивставени страни,  како пример го посочува настанот од  2011 година  кога е донесен нов Закон за Собрание и тогаш за првпат е поставен нов член во Законот за Собрание, член 43, каде што изричито е напишано дека службите за обезбедување, без претходно писмено одобрение и барање од Претседател на Собрание и од Генерален секретар, не смеат да имаат никаков физички и вербален контакт со пратеници, вработени во службата, ниту пак со лица кои ќе бидат затекнати во Собранието. Наведе дека сето ова го кажува со цел да појасни во каква состојба биле полицајците кои што функционирале во Собранието. Наведе дека одкако на 27-ми се вратил на работа, не се сеќава кое време било тоа, односно не може конкретно да  каже, појасни дека иако имало поставено кордон од страна на Единицата ЕБР на скалите, масата луѓе која што се симнала прво доле, потоа се качила и на првиот спрат во холот пред кабинетот на Претседавачот. Тука се качиле луѓе од разни старосни граници и тоа имало млади, возрасни, пензионери, стари, сите извикувале „М.“, многу од нив извикувале „каде е предавникот Т.В. кој што дозволи да се пее химна на странска држава во Собранието“. Имало обиди да се влезе во кабинетот, обвинетиот стоел пред тој кабинет, имало физички напади врз него од лица кои што насилно сакале да влезат, успеале да ги задржат да не влезат во кабинетот. Во тој момент видел и лица со фантомки на главата кои што се качиле нагоре, а со нив и неколку полицајци во маскирна униформа. Едно лице кое што не носело фантомка на главата му пришло и го прашало, а и се слушало „каде е предавникот Т.“, на ова обвинетиот му одговорил дека не е тука Трајко, дека тука се вработени од Собранието. Луѓето извикувале „Уа предавник“, еден дел од луѓето тргнале по дел од ходникот од десна страна,  тоа е ходник кој што води кон канцелариите во кабинетот, тука се наоѓа просторија со серверот

на кабинетот за комјутерската техника, тука се наоѓа канцеларијата на шефот на кабинетот, а како последна канцеларија од кабинетот е и канцеларијата на обвинетиот. Појасни дека луѓето тргнале кон таа страна, пробувале на вратите да ги отворат лево и десно, некои биле отклучени, некои заклучени, обвинетиот тргнал по нив и им кажал дека тоа е кабинет и дека нема никој внатре. Истакна дека неминовно е движејќи се по ходникот да се стигне до стаклена врата која што е граница меѓу парламентарните простории и кабинетот на Претседателот на Собрание. Наведе дека на вратата нема квака за отварање, таа врата се отвора електронски, вратата била затворена, едно од лицата ја удрило со нога, вратата се искршила и се отворила, така лицата продолжиле да се движат по ходникот, а обвинетиот се вратил пред кабинетот на Трајко Вељаноски. Обвинетиот пред неговата канцеларија и пред кабинетот на Т. В., поставил двајца колеги кои требало да ги обезбедуваат просториите на кабинетот. Појасни дека тој за цело време бил присутен пред кабинетот на Т. В., се оддалечил од таму само кога добил повик за помош на вработените во службата т.н. „Режија“ и тогаш заедно со колега од внатрешно обезбедување, се упатиле пред канцеларијата на службата „Режија“ која што е во непосредна близина на Сала 3 т.н.Прес сала. Обвинетиот појасни дека ги тргнал барикадите што биле ставени пред врата, им викал на луѓето да ги отклучи и да ги извади надвор, кое нешто обвинетиот и го сторил. Лицата успешно, без никој да ги повреди, биле спроведени до излезот за да си одат дома, после ова обвинетиот за цело време бил пред кабинетот. Наведе дека кога во Собранието почнале да пристигаат униформирани полицајци во плава униформа, маскирна униформа, не знае од која служба биле и кога се затвориле металните врати кај кабинетот на Претседателот, тогаш тензијата се префрлила во холот пред кабинет на Претседател на Собрание. Појасни дека салата „Длаборез“ има двојна врата која што е повеќе декоративна отколку безбедносна затоа што едните врати не функционираат на клуч, на другата, внатрешната врата има клуч можеби изработен 1945 година, тогаш тие се префрлиле на внатрешната страна на кабинетот со цел да се обидат да спречат влез во кабинетот. Вработените од службата на кабинетот му помогнале на обвинетиот, во првиот дел на вратата непосредно до железната врата, да поставaт бироа како барикада, кои што ги држеле додека траела тензијата на таа врата, а тогаш се слушнала детонација од шок бомба и тензијата за влез на вратите се префрлила на другите врати, а тоа се врати од салата т.н. „Длаборез“. Заедно со М.М. и Т. Д. се обиделе од внатрешната страна да го задржат пробивањето на масата во салата. Вратата се отворила, луѓето почнале да ги удираат, сите тука добиле удари, не можеле да задржат толкава маса на луѓе, па луѓето влегле во просториите на сала „Длаборез“, а појаснува дека во породолжение на оваа сала се наоѓа работната просторија на Претседателот. Обвинетиот тука добил повеќе удари, по што на кратко му се слошило и изгубил свест. Подоцна, колегите и медицинска екипа го внеле во кабинетот на Претседавачот Трајко Вељаноски каде што бил

присутен и пратеникот А.М., членови на кабинетот и луѓето од обезбедувањето. Колегите од единицата ЕБР, успеале да ги истуркаат надвор луѓето што влегле во сала „Длаборез“, салата „Длаборез“ била празна и обвинетиот ја добил потребната помош од медицината екипа, односно му ставиле инекција. Појасни дека додека траеле овие дејствија, а и откако му било подобро, видел дека на неговиот телефон имало многу повици како од луѓе така и од неговите домашни, сите биле загрижени за она што се случува во Собрание. Наведе дека негова цел како Началник на лично обезбедување, била да биде пред кабинетот на Т. В., всушност негова цел била заштита на  В. и тоа е причината што тој ден обвинетиот се вратил на работа, тоа всушност биле и негови работни задолженија, обезбедување на личноста која му била доверена, доделена. Напомена дека плановите за евакуација за пратеници не се однесуваат и за план за евакуација за тогашниот Претседател или Претседавач, планот за евакуација лично обвинетиот требало да го изготви и тоа во моментот кога за тоа ќе имало потреба. Појасни дека можел да одбере било кој од излезите каде што тој лично како Началник на личното обезбедување, ќе оцени дека е безбедно да се изнесе лицето кое што тој го чувал. Доколку тоа не би било можно, кабинетот како и кабинетите на останатите претседатели во државата, содржи безбедносна соба која што е блиндирана, меѓутоа од безбедносни причини, а кое нешто е во интерес и на идните претседатели, обвинетиот не смее да каже каде се наоѓа таа просторија и како се активира. Тоа било последното што можел да го направи доколку дошло до несакани последици. Истакна дека поголемиот дел од обвинетите ги запознал во истражниот затвор и кога почнале да доаѓаат во суд, ги познава по видување дел од пратениците поради тоа што некои од нив биле пратеници и по два-три мандати, некои ги познава како луѓе со кои што  работел во неговата служба. Никола Митревски-Кољо како личност го познава од Автокоманда затоа што четири години работел како инспектор во во тој реон, меѓутоа немале никаков контакт, а ги познава и вработените од кабинетот, другите не ги познава, освен славните „фаци“ од телевизиите, уметниците и пејачите. Појасни дека во овластувањата на полициските службеници децидно стои „ако во настаната ситуација животот и телесниот интегритет на полицаецот биде загрозен со некаков и некакво негово дејствие и преминување на овластување, а со тоа наштети врз својот живот без притоа да добие помош од полициски службеници не може да постапи по овластувањата, односно да изврши легитимирање“, тоа значи дека во ситуацијата  тој бил сам пред вратата на кабинет на Претседателот, а луѓето со маски биле десеттина, па во таква ситуација не можел да изврши легитимирање на тие лица. Истакна дека согласно Законот за Собрание надлежен за собранискиот обезбедување е Претседателот на Собрание, а се грижи Генералниот секретар на Собрание, а исто така согласно Правилникот за Собрание и Упатството за внатрешниот ред се грижат Претседателот на Собрание и Генералниот секретар на Собрание. Наведе дека со сведокот А. К. на 27-ми имал телефонски контакт, а причината била што во

моментите кога бил повреден и кога бил во Кабинетот внатре на телефон му се јавил од непознат број за него, а и непознат како човек, С. М., така се претставил и кажал дека биле од УБК дојдени да ја следат состојбата. Обвинетиот му кажал на него дека доколку било така „Одете на пријавница и легитимирајте се на колешката, на колегата“, не знаел дека тогаш била колешка, а пропуштен повик имал од број кој што го утврдил дека бил нејзин и и се јавив и му кажала после едно пет минути дека дошле инспектори од УБК и дека сакале да влезат во мониторинг собата. Разговорот бил краток со неа, неколку секунди во кој што кажал дека ако се колеги да ги легитимира и да си постапи по правилото. Притоа наведе дека тој на А. К. не и бил директно претпоставен, туку таа кога се слушнале му кажала дека нејзиниот началник бил повреден, но не му кажала дека другиот началник на сектор Д.К. бил таму до неа и му рекла „Нема кого да прашам дали инспекторите од УБК да влезат“. Воедно истакна дека со повисок по ранг од него во тој момент пристигнал Оливер Поповски, Началник на Сектор за превентивно делување и освен моментот што се виделе доле со истиот, толку била нивната комункација во која што побарал луѓе за пред кабинет.

Судот не ја прифати ваквата одбрана на обвинетиот од причина што истата е спротивна на останатите изведени докази. Имено, судот мора да нагласи дека овој полициски службеник на 27.04.2017 година бил Началник на личното обезбедување на Претседателот на Собранието, а истиот од снимките неспорно произлезе дека се наоѓа во холот пред влезните врати и истиот гледа како пратениците Крсто Мукоски и Сашо Василевски ја отвараат влезната врата, но истиот не превзема ништо за спречување на пратениците и отварањето на вратите, туку едноставно е нем набљудувач на сето тоа што се случува, а за разлика од него на овие снимки се гледа исправно постапување од полициски службеник, а тоа е В.С.  кој што веднаш ја враќа извадената заштитна греда од вратата. Освен тоа многу јасно на овие снимки се виде дека обвинетиот Абдуљфета Алими ги носи клучевите кои што еден момент му паѓаат при што обвинетиот во своја одбрана наведува дека го прашал обвинетиот Абдуљфета Алими каде се клучевите наведувајќи дека иако не му ги побарал клучевите Абдуљфета сам ги извадил од џебот, а сето ова многу јасно се гледа на снимката насловена како Анализа на видео надзор од собраниски камери УСБ 1 New folder фајл analog_13_18_44_50_04_27.0, Воедно, неспорно призлезе дека овој обвинет има комуникација со обвинетиот Никола Митревски Кољо за кој што вели дека го познава од периодот кога работел во ПС Автокоманда, но тука судот мора да нагласи дека тие се во блиска комуникација на снимките, а уште повеќе на снимката насловена како УСБ 4 фајл 20170428184822 камера 8 јасно се гледа дека постои оваа комуникација помеѓу нив. Запрепастувачко е однесувањето на овој обвинет кој со трчање се приближува према врата, а притоа се врти према луѓето кои се движат позади него, а прв меѓу тие луѓе е обвинетиот Никола Митревски кој става црна фантомка на главата при што обвинетиот Горан Ѓошевски со левата рака се упатува према

левиот дел од вратата каде што е системот за отворање на вратата, а во истиот момент обвинетиот Никола Митревски со десната нога удира во вратата потпирајќи се со левата рака на обвинетиот Горан Ѓошевски по што вратата се отвара. Воедно, овој обвинет потоа со десната рака ги повикува луѓето надолу, а со левата рака потоа им покажува правец на движење надоле во насока према ходникот кој води према Прес салата. Сето ова неспомено произлезе од снимките од УСБ 5 камера 15 фајл 20170428191225 со време 18:52:40, но овој обвинет не само на овие снимки туку се гледа и на многу други снимки од кои што може да се утврди како всушност истиот се однесувал за време на настаните во Собранието, а секако станува збор за едно крајно недолично однесување на висок полициски службеник. Истиот имал повеќе телефоински комуникации и преку СМС пораки со Т.В., а освен тоа самиот обвинет вели дека негов директно препоставен не е обвинетиот Митко Чавков, но и покрај тоа тој за време на настаните имал неколку телефонски комуникации со овој обвинет. Неспорно е дека истиот требал да се грижи за безбедноста на тогашниот Претседавач на Собранието, но од снимките неспорно произлезе каде се се движел овој обвинет и можеби најмалку време поминал пред Кабинетот на тогашниот Претседавач. Самиот обвинет истакнува дека не го познава обвинетиот Сашо Марковски за кого постапката е раздвоена, а сепак Сашо Марковски телефонски го барал пред да влезе во мониторинг салата, при што тука судот мора да нагласи дека има повеќе телефонски комуникации помеѓу нив и тоа: во 20:17:26 часот тој остварил телефонска комуникација со Сашо Марковски со времетраење од 52 секунди, потоа со истиот имал телефонска комуникација во 20:50:43 часот со времетраење од 17 секунди, во 21:15:18 часот иако бил побаран од Сашо Марковски не е остварена комуникацијата, за да во 21:15:30 часот имаат повторна комуникација од 13 секунди и во 22:27:28 часот има повторно комуникација помеѓу нив со времетраење од 79 секунди. Воедно токму обвинетиот Горан Ѓошевски и кажал на Александра Богоевска Крстаноска, сведок во оваа постапка да им ја отвори вратата од мониторинг собата на Сашо Марковски и Оливер Радулов. Наведениот сведок истакна дека обвинетиот Горан Ѓошевски Леви и кажал дека тоа е наредба од Директорот на БЈБ Митко Чавков.

Притоа овој обвинет преку неговиот бранител истакнува дека кај него нема ни умисла, а истакнува дека покрај умислата кај него требало да постои и намера, но судот во поглед на чл.13 од КЗ кој што се однесува на умислата веќе претходно се произнесе, а тука само ќе нагласи дека станува збор за добро обмислена, поврзана, добро организирана акција и усогласено дејствување на сите чинители кои се обвинети во оваа постапка и воопшто е ирелевантно дали сите обвинети меѓусебно се познавале. Се повикува на чл.43 од Законот за Собрание при што наведува дека овој член е направен и напишан за постапувањето на овластените лица во Собранието и согласно истиот без одобрение на Претседателот на Собранието, овластените службени лица не смеат да превземат никакви мерки и дејствија спрема пратеници, вработени и лица што се затекнати

во Собранието, при што на 27 април таква наредба ниту усна, усно барање од страна на тогашниот Претседател на Собрание и од страна на Генералниот секретар на Собрание кон полициските служби немало. Судот го имаше во предвид чл.43 од Законот за Собрание, кој што се однесува на одржување на редот во Собранието, а меѓу останатото во овој член во точка 4 е наведено дека за одговорноста за нарушување на редот во Собранието од страна на пратениците и надворешни лица кои учествуваат во работата на Собранието одлучува и донесува мерки Претседателот на Собранието по претходна консултација со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи. Меѓутоа во конкретниот случај мора да се цени фактот дека обвинетиот е висок полициски службеник, а неговото однесување на 27.04.2017 година е целосно опишано и неспорно е дека станува збор за крајно недолично однесување, однесување спротивно на сите норми. Освен тоа во ситуација кога во Собранието се случува насилство зарем тој и останатите високи полициски службеници требале да чекаат одобрение од Претседавачот на Собранието или од Генералниот секретар. Истиот наведува дека тој требал да се грижи за безбедноста на Претседателот на Собранието, односно тогашниот Претседавач Т. В., но на повеќе снимки се гледа дека тој голем дел од времето додека се случувале немилите настани во Собранието не бил пред Кабинетот на Претседавачот, туку се движел на различни места во внатрешноста на Собранието меѓу кои и пред Прес салата. Не постои законска норма со која тој како висок полициски службеник треба да биде нем набљудувач на вакви немили настани во Собранието, ниту пак да води дел од толпа народ покажувајќи го патот кон Прес салата или да отвара со картичка електронска врата.

Обвинетиот Оливер Поповски и неговиот бранител меѓу останатото зборуваат за умислата за ова кривично дело, но судот веќе даде осврт околу умислата, па смета дека нема потреба повторно да се осврнува на истите наводи. Воедно, обвинетиот осврнувајќи се на исказот на сведокот О.С. наведува дека истиот не кореспондира со изведените докази, но судот не може, а да не нагласи дека сведокот О.С. на јасен и дециден начин истакна дека дел од луѓето кои што биле во Прес салата биле задолжени за обезбедување во Собранието меѓу кои токму и овој обвинет Оливер Поповски кој стоел на врата, а при тоа лицето С.Т. кое било обезбедување на сведокот им се обратил да превземаат мерки но токму обвинетиот Оливер Поповски рекол „Немаме наредба“. Точно е дека сведокот С.Т. зборува дека обвинетиот Оливер Поповски му го дал неговиот беџ, но ова се случува пред Прес центарот што значи двајцата сведоци зборуваат за сосема различен период од настаните. Ова од причина што сведокот О.С. се наоѓаше за цело време во Прес салата, додека неговото обезбедување кога го добива беџот од Оливер Поповски е пред Прес салата. Бранителот на обвинетиот ја објаснува ситуацијата кога овој обвинет се наоѓа во холот пред влезните врати наведувајќи дека тој бил оддалечен 15 метри од влезните врати, но впрочем судот кога се

осврна на снимките точно појасни дека обвинетиот Оливер Поповски бил нем набљудувач на отварањето на вратите. Истиот наведува дека кога Крсто Мукоски ја шутнал гредата тој бил збунет и не знаел како да постапи во тој момент при што се повика и на Законот за Собрание наведувајќи дека како полициски службеници немале право да превземат никакви активности врз пратениците доколку не добијат наредба од Претседателот на Собрание, но судот мора да нагласи дека се работи за висок полициски службеник, а поточно истиот бил Началник на Сектор за превентивно обезбедување на личности и објекти, а освен тоа тој е со долгогодишно полициско обезбедување па не смее да си долзволи да биде изненаден. Воедно не смеел да дозволи пред него некој па и да е Пратеник да ги отвори вратите на Собранието. Како полициски службеник во таква ситуација требал да знае дека со отворањето на вратите се доведуваат во прашање животите на пратениците, новинарите, полициските службеници и останатите присутни во Собранието, па зарем во таква состојба требал да чека одобрение од Претседателот на Собранието.

Притоа судот мора да нагласи дека овој обвинет е висок полициски службеник и не смеел да само го набљудува тепањето на пратеникот. Покрај обвинетиот Оливер Поповски се движат лица од насилната толпа, а има и лица со фантомки, кое нешто јасно се гледа на снимката ЦД Алфа VTS_02_01, но тој не превзема ништо, а додека ги тепаат пратениците е исто така нем набљудувач. Воедно, обвинетиот кога насрнува масата тој се повлекува наназад што јасно се гледа на снимката на УСБ 1 New Folder 2 analog_1_18_55_07_04_27.1, а на оваа снимка се гледа во повеќе наврати како всушност обвинетиот се однесува пред Прес салата, а посебно со време 14:10 часот, истиот гледа како поголема група на луѓе, меѓу нив и лица со фантомки се обидуваат да ги отворат вратите на Прес салата. Воедно судот мора да се осврне и на ЦД снимките кои што се добиени со вештачење КО.бр.59/2018 на кои што во време 00:55 јасно се гледа тепање на веќе паднатиот пратеник З. С., кој е удиран со нозе од повеќе лица, а обвинетиот Оливер Поповски стои кај вратата во Прес центарот, го гледа неговото тепање непревземајќи ништо. Конечно, судот мора да се осврне на снимката УСБ 6 New Folder 2 Analog_13_19_52_49__04_27.1 на која се гледа обвинетиот Оливер Поповски кај стаклената врата од ходникот кај излез „ Винер “ се наоѓа со С. М. од УБК, НН машко лице, Оливер Радулов и Горанче Анѓеловски кои доаѓаат од правец излез Гаражи и главен влез на Собрание, се поздравува со нив и ги води кон влез „ Пријавница“. Судот мора повторно да се осврне на Анекс план Ев.бр.23.2.1-01/11-1 од 09.03.2017 година. Наведениот Анекс план за реализација се однесува на вонредни мерки за внатрешно и надворешно обезбедување на Собрание на РМ и евакуација и спасување ОА „Платформа“. Во овој Анекс план во делот Сектор за превентивно обезбедување на личности и објекти меѓу останатото е наведено дека одговорен за сите активности ќе биде Оливер Поповски Началник на Сектор.

Обвинетиот Оливер Радулов и неговиот бранител се осврнаа најнапред на времето на извршување на кривичното дело кое е наведено во обвинителниот акт, од 14:30 до 22:30 часот, кое време не се поклопувало со времетраењето на конситутивната седница во Собранието на РМ како што се тврди во диспозитивот на обвинителниот акт, туку Конститутивната седница на Собранитето била раководена и прекината од тогашниот Претседавач на Собраните на РМ во 18:00 часот, а тоа што се случувало после 18:00 часот било надвор од редовното заседание на Собранието на РМ. Судот не може да ги прифати ваквите наводи на одбраната токму од причина што во повеќе наврати е нагласено и докажано дека се работи за организирана акција која започнала и траела токму во наведениот период и не е битно само времето на траењето на Конститутивната седница на Собранието. Овој обвинет преку својот бранител се повикува и на чл.24 од КЗ па наведува дека не е јасно кому обвинетиот Оливер Радулов однапред му ветил дека ќе го прикрие него или трагите од стореното кривично дело, кого конкретно се обидел да прикрие како сторител, чии противправни дејствија и кое кривично дело го прикривал, а воедно нагласува дека снимките постојат и истите се изведени како доказ, па со неговите дејствија кои што биле превземени се всушност неуспешен, неподобен обид. Но, судот мора да нагласи дека од изведените докази многу јасно произлезе дека овој обвинет го сторил делото за кое што се обвинува. Притоа, треба да се цени фактот дека помагањето е умислен придонес во извршувањето на дело на друг откако извршителот донел одлука за неговото извршување. Ставот 2 од чл.24 јасно наведува дека како помагање во извршувањето на кривично дело ќе се смета особено давање совети или упатства како да се изврши кривично дело, ставање средства за располагање на сторителот за извршување на кривичното дело, отстранување на пречките за извршување на кривичното дело, како и однапред ветено прикривање на кривичното дело, на сторителот, на средствата со кои е извршено кривичното дело, на трагите на кривичното дело или на предметите прибавени со кривичното дело. Во конкретниот случај неспорно е дека обвинетиот Оливер Радулов заедно со С. М. ги одзеле хард дисковите од мониторинг собата со што се одело на уништување на снимките како не би имало докази за тоа што всушност се случуваше во Собранието, а уште повеќе прикривање на сторителите на ова кривично дело. Со дејствијата на обвинетиот јасно се гледа дека кај него постои умисла бидејќи тој има волја за помагање, а секако дека има и свест за извршителот и делото. Самиот факт што снимките сеуште постојат и се изведени како докази не значи дека може да стане збор за неуспешен, односно неподобен обид. Не може да стане збор дека се работи за помош на неодредено лице или однапред неопределено дело од причина што се работи за организирана акција каде што повеќе учесници преземаат различни дејствија. Во никој случај судот не може да прифати дека обвинетиот бил пуштен да му помогне на С.М. заради неговиот инвалидитет бидејќи од снимките многу јасно произлезе дека С. М. се движел без помагала што неспорно произлезе пред се од снимката

УСБ 6 New Folder 2 Analog_13_19_52_49_04_27.1, потоа на снимката од УСБ 6 New Folder 3 фајл Analog_13_20_59_29_04_27.1, на снимката од од УСБ 3 New Folder 3 фајл Analog_8_20_49_12_04_27.0, потоа на снимката од од УСБ 3 New Folder 3 фајл Analog_8_20_49_12_04_27.1 како и на снимката од УСБ 3 New Folder 4 фајл Analog_6_20_46_30_04_27.1. Отука јасно се гледа дека на повеќе снимки се гледа обвинетиот С.М. за кого постапката е раздвоена како се движи без помагала. Освен тоа доколку обвинетиот Оливер Радулов само го придружувал С.М. не е јасно зошто влегол со него во мониторинг собата, а му било кажано дека С.М. требал да прати таргет. Воедно, сведокот А. Б. К. јасно посочи дека и обвинетиот Оливер Радулов и С. М. на себе имале торбички така да истите можеле да ги сместат овие хард дискови во истите. Овој обвинет зборува дека не се пронајдени ДНК од него, но од друга страна сведокот А. В. Н. во својот исказ меѓу другото зборува дека С. М. носел на себе бели ракавици што не значи дека евентуално и овој обвинет немал исти вакви ракавици или пак хард дисковите од мониторинг собата можел да ги вади С. М., но повторно сето ова е ирелевантно од аспект што неспорно произлезе дека токму Оливер Радулов е тој кој што влегол во мониторинг собата од каде недостасуваат два хард диска. Конечно, обвинетиот зборува дека не го познава обвинетиот Горанче Анѓеловски поставувајќи притоа прашање зошто би му бил потребен овој обвинет, но не само што на снимките јасно се гледа дека со Оливер Радулов и С. М. е и Горанче Анѓеловски кај влезот Пријавница, туку постои и телефонска комуникација помеѓу обвинетите Оливер Радулов и Горанче Анѓеловски и тоа комуникација помеѓу Горанче Анѓеловски со Никола Митревски Кољо кога му објаснува дека тие двајца што се во мониторинг собата сеуште ги нема за да веднаш потоа обвинетиот Оливер Радулов му се јави на Горанче Анѓеловски објаснувајќи дека за кратко ќе излезе. Доколку не се познавале зачудува фактот како тоа обвинетиот Оливер Радулов телефонски го бара Горанче Анѓеловски и конечно и од ова се потврдува дека се работи за добро организирана акција.

Обвинетиот Мунир Пепиќ во своја одбрана наведе дека пред 27.04.2017 година бил вработен во Агенцијата за ... каде сеуште е вработен. На 27.04.2017 година како и секој работен ден пристигнал на неговото работно место во 8:30 сабајле и се до 14:00 часот бил на работното место во Агенцијата за ... Во 14:00 часот добил службен ангажман да присуствува на протести „За заедничка М.“ кои наназад околу 60-70 дена се случувале, па тој со службеното возило од Агенцијата за ... се упатил кон центарот на С., каде најнапред седел во кафичот „Барселона“ , а потоа бил во трговскиот центар „Рамстор“, за да околу 17:20 часот, се упатил кон Влада на РМ пешки од каде што секојдневно почнувале протестите. Некаде околу 18:37, 18:45 часот, точно не се сеќава на времето, народот некако немирно дејствувал, нервозно, се упатил кон вратата кон Собранието на влезот кој што гледа кон „Жена парк“, а тој си стоел сеуште на неговото место бидејќи лоцирал лице, НН лице кое било во интерес на безбедносните служби, мисли во интерес на Агенцијата за ... и веднаш ги

известил во неговата служба дека на протестите се наоѓа лице во интерес на предметот на огласот на Агенцијата за ... за собирање податоци. Понатаму од службата добил насока да продолжи со неговите активности, односно кажано од разузнавачки аспект следење до крај на НН лице. Кога некаде околу 18:45 часот тоа НН лице во моментот го приметил како разговара на неговиот мобилен телефон и полека кога завршил со разговорот се упатил кон влезот на Собранието каде што во тој момент мисли и дека веќе луѓето почнале да влегуваат. НН лицето се движело полека за да не биде забележано, а тој некаде на растојание од десет до 15 метри го менувал де лево, де десно за да не го примети дека е директно зад него, па кога тоа НН лице влегло во Собранието на РМ, а влегло од левата врата, двете врати биле отворени, една врата имало во средина која не била отворена, имало едни скали на самиот влез кога ќе се влезе, потоа имало како хол еден, а скалите воделе десно, имало големи скали кои што воделе од десно кон лево, а било полно народ. НН лицето се упатило на десна страна покрај големите скали што воделе нагоре, потоа еден ходник кој што не бил многу широк, тој по него одел пополека за да не биде приметлив, да не го забележи, па некаде после минута тргнал по него. Кога дошол до вратата видел дека има многу народ внатре и дека тоа всушност е салата каде што секојдневно излегувале пратениците во Собрание кога имало седници и првпат видел во живо сала каде што се одржувале седници. НН лицето се движело десно и се упатило на врвот на салата, тој полека застанал десно, се свртел накај говорницата од кај што Претседавачот на Собранието држел седници, НН лицето цело време со својот мобилен телефон сликало во народ, го вртело телефонот, си правело селфи. Некаде од 15 до 20 минути НН лицето се задржало во салата, тој слушнал дека Пленарна сала се викала, полека се свртело надоле, излегло од другата страна од вратата, а тој после некоја минута, две полека тргнал по него. Повторно се вратиле во истиот хол каде што биле големите скали, но сега од другата страна, кога се гледа однадвор доаѓале од левата страна после скалите, се задржал пет до десет минути кај што вртело, постојано било на мобилниот телефон, веројатно рзговарало, а можеби и било само шминка дека разговара. Тој застанал од десна страна кај столбот како што било презентирано од страна на Обвинителството на снимката, каде бил посочен дека стои на столбот, додека на скалите имало полиција во сиво-црна униформа со шлемови на глава, немало многу, 7-8 мисли дека биле таму, имало и долу полицајци. Во два-три наврати се качувале луѓе нагоре, додека во еден даден период мисли после 5 или 10 минути одеднаш тргнала поголема група на луѓе нагоре, а и НН лицето тргнало и се упатило на десната страна на скалите нагоре. Имало луѓе што оделе лево и десно, меѓутоа НН лицето отишло десно, а тој не се качил веднаш по него, можеби по две минути, три и повторно одеднаш голема група на луѓе се качила нагоре, па тогаш и тој се качил по нив по левата страна на скалите како што и на самата снимка било презентирано од страна на Обвинителството, на која се гледа како тој додека се качува по скалите цело време се подига на прсти и со главата

погледнува дали лицето е горе бидејќи не знаел што следува на тој спрат, не знаел каква е просторијата, дали е ходник. После таа метална врата која што ја нарекувале била заклучена со лисици, десно низ ходникот имало многу луѓе, пред тоа, а и групата што влегла кога се качил тој заедно со нив, излегувале луѓе од врати, некои влегувале, некои излегувале се до крај на ходникот. Тој како што се гледа на снимките мислел дека како и другите што влегувале и излегувале дека и лицето што го следи најверојатно  е таму бидејќи забележал дека НН лицето го забележало дека го следи, нормално си отварал врата си ја затварал. Лицето со кое се поздравил бил возачот или како кажал сведокот дополнителен возач на Претседателот на Собранието, Т. кој го знае можеби 20 години бидејќи живеел кај него во Д. . Влегол во холот кај што веќе била отворена вратата од Сала 3, се задржал како што се гледа и на снимките, се вратил назад, подзастанал малку кај скалите. Од горниот дел од скалите нагоре се слушало некое вриштење, пискање на женски глас, јасно слушал, но не знаел што се случува бидејќи во Собранието првпат влегол и не знаел што е тоа горе. Тогаш уште поголема група на луѓе дошла, се создала поголема гужва во ходникот и во еден момент го видел Пратеникот А. Г. како излегол и се упатил покрај тие скали од кај што пред тоа и тие дошле. Се создала поголема гужва и видел како еден висок господин кој не го знае, ја носел под рака и ја држел Р. Ш., имало уште некои луѓе, мисли дека биле пратеници што оделе со нив. Тој се симнал бидејќи видел дека НН лицето не се наоѓало во ходникот, а не знаел дека има уште едни скали што водат до Сала 3, истите биле право од кај што дошле тие и надоле се спуштале, па се симнал пак доле на приземје каде што имало многу повеќе народ отколку пред тоа, но за жал свртел скоро сегде на приземје и не можел да го забележи НН лицето. Повторно дошол во Пленарна сала, повторно од истата страна влегол кога влегол во Собрание и излегол на другата страна како што и на снимките се гледа дека тој излегува од врата низ ходникот покрај луѓето што седат. Десно видел дека има многу луѓе, па сакал да види што било таму, а таму ги забележал тие скали кои мисли дека биле полукружни, имало многу луѓе на скалите, викале, дури не се ни слушало што викаат бидејќи сите викале. Тој се качил нагоре по скалите, се туркал покрај луѓето, се истуркал бидејќи повеќето стоеле на скали. Тие што сакале си оделе нагоре, тие што стоеле на скалите викале. Потоа се нашол во истиот хол каде што бил и пред тоа, односно во холот кој што се наоѓа лево Сала 3, а таму имало многу народ, било тензично. Тој бидејќи бил на тајна задача на ангажманот во Собранието имало и други колеги негови кои биле ангажирани во интерес на Агенцијата за ... од чл.2 од Законот за Агенција за ..., значи останал да собира информации во интерес на Агенцијата и цело време комуницира преку неговиот мобилен телефон со пишување, цело негово присуство од почетокот до крајот во Собранието. Немал свртено ни еден телефонски повик бидејќи на службена задача не користи телефон за разговор. Ја известувал службата цело време што се случувало, дека во Собранието дошло до не знае како и да го опише, дека имало повредени пратеници, дека гледа просторија во

која има една врата отворена, една не е отворена во Сала број 3 каде што отишол до вратата, а тоа се гледа и на снимката која била презентирана, мисли на претпоследната снимка или последната од страна на Обвинителството кое го посочило тие две секунди „Еве го и обвинетиот Мунир Пепиќ кај што стои кај вратата“. Но, наведе дека пак на истата снимка е со телефонот во раце, известил што се случува внатре, кој има внатре, дека се фрла се и сешто и излегол веднаш од таа Сала 3 кај што стоел на вратата и застанал десно се до еден момент кога поминале маскирни лица со црни елеци, крупни дечки и видел дека од нив имале значка на МВР и тогаш реагирал така чудно кое се гледа и на самата снимка која што била презентирана од страна на Обинителството, односно Обвинителството го посочува „Еве го Мунир Пепиќ стои маскираното лице поминува покрај него, не превзема ништо“. Наведе дека тој бурно реагирал и на глас го кажал при што рекол „овие со маските биле полицајци“, со црно елече бил, крупен, развиен, тоа се гледало и на снимката како реагира, им се обратил на луѓето до него, му кажал веднаш на тој до него што стоел А., тогаш не знаел како се презива, Директор на Водовод и му рекол „а бе луѓето што поминаа со маски имаа значки на себе околу вратот“, а значките биле под маица, но сепак се забележувало дека била значка на МВР, а такви лица видел уште тројца-четворица. Во тој момент пристигнале уште некои лица исто од Д. кои што ги познавал, се поздравил со нив. Во холот бил Н. Т., тогашен Министер за здравство кој по  полукружните скали се качил со медицинска екипа некаде околу мисли дека биле четири сестри или доктори не знае што биле и едно машко лице во мантил, кој имал на себе елече од Црвен крст, Брза помош. Во еден момент некое лице со јарбол на знаме дрвено, замавнал кон Н. Т., по што обвинетиот реагирал и спречил тоа да се случи. Наведе дека почнале да се фрлаат шок бомби. Разбрал дека е повреден пратеникот З. С. за кој што претходно се слушнало дека наводно бил починат. Тогаш влегол во таа просторија и не знел како се вика, не знаел дека тоа било бифе, а знаел дека имало кујна бидејќи тоа било клуб на пратеници каде имало многу повредени лица од кои што повеќе не ги познава, тоа биле пратеници, колеги од МВР, имало медицинска екипа, а кај кујната до ѕидот потпрена на ѕидот буквално била Р. Ш. која имала шансова кравата на вратот, па се растрчале сите колеги, земале од фрижидерот води, сокови и им давале. Истиот појасни дека помагал околу евакуацијата на Р. Ш. наведувајќи дека истата ја облекле во докторски мантил и ставиле маска, тој ја врзувал, побарал од докторката капа за операции, нашла во ташната и и ја ставиле на глава. Истакна дека од некоја докторка ја земал ташната и ја закачил на рамо на Ш. . Воедно истакна дека помогнал и при изнесувањето на повредениот полициски службеник А.А. кого го извадил заедно со уште еден колега носејќи го под мишка сместувајќи го во истото возило на брзата помош во кое била и Р. Ш. . Наведе дека се што видел од разузнавачки аспект на 27.04.2017 година било преточено во форма на Извештај кој Обвинителството веќе го имало и за неговата содржина која е класифицирана судот може во секое време да се запознае.

Судот не ја прифати одбраната на обвинетиот Мунир Пепиќ од причина што неговата одбрана е спротивна на изведените материјални докази и притоа судот мора да нагласи дека овој обвинет иако вработен во Агенцијата за ... се однесува спротивно на однесување кое што доликува на вработен во оваа агенција. Судот не може, а да не се осврне на снимката која што е добиена со Вештачење КО.бр.59/2018 кое вештачење е изготвено врз основа на Наредба на ОЈО С. на кое што многу јасно се гледа како токму обвинетиот Мунир Пепиќ е свртен со лицето према пратеникот З. С. кој веќе е соборен на земјата, се пробива во првиот ред точно пред местото каде што лежи пратеникот З. С. и со нозете го клоца како и останатите луѓе кои што стојат покрај пратеникот З.С. . Токму тука судот мора да нагласи дека овој обвинет истакнува дека неговата гардероба, а пред се патиките кои што ги носел на 27.04.2017 година во Собранието не соодветсвуваат со оние на снимката бидејќи тој не носел бели патики, а лицето кое што го удирало Претникот З. С. носел бели патики, но на повеќе снимки се гледаат белите патики на Мунир Пепиќ, односно се гледа дека овој обвинет носи токму бели патики. Една од тие снимки е онаа од УСБ 1 New folder 2 analog 1_18_55_07_04.27.1. Освен тоа овој обвинет се гледа на повеќе снимки како покажува на лица кои што се влезени во Собранието кон Прес салата и повторно ова се гледа на снимка од УСБ 1 време 13:13 и 13:35. Истиот нагласува дека за време на настаните тој всушност бил службено во Собранието како вработен во Агенцијата за ..., но дури и да прифати судот дека истиот од наведената агенција бил службено испратен, сепак од снимките јасно се виде неговото непрофесионално однесување во Собранието. Судот ја прифаќа неговата одбрана во делот каде што истиот вели дека помагал при извлекувањето на повредените З. С., Р. Ш. и А. А., но тука судот мора да нагласи дека истиот ова го сторил откако веќе претходно го извршил кривичното дело и откако полицијата веќе делувала во Собранието. Воедно, овој обвинет преку својот бранител наведува дека не смееле да се споменуваат амнестираните при што наведува дека аболицијата како правен термин тоа не го дозволува, но овде не станува збор за аболиција, туку се работи за амнестија, а лицата кои што се амнестирани се наведени во диспозитивот од причина што се наведуваат дејствијата целосно кои што се превземени на 27.04.2017 година и секако мора во диспозитивот да се наведе дека вратите се отворени од внатрешноста за да се знае како толпата народ влегла. Воедно, смета дека не станува збор за загрозување на уставниот поредок, но тука судот мора да нагласи дека се работи за една добро организирана и осмислена акција каде што точно се знае кој всушност биле таргети како што и претходно е наведено и секако дека од сите докази и она што е неспорно за целата јавност имаше упад во Собранието како највисок законодавен дом. Од друга страна се прави споредба во смисла за нарушување од поголем обем на јавен ред и мир мислејќи на „Шарената револуција“ со нападот на канцеларијата на Претсеадтелот, но тука во никој случај не може да се стави знак на

равенство. Имено, не се влезе во службените канцеларии на Претседателот на РСМ кои што се сместени на Водно, а освен тоа оваа канцеларија беше празна и внатре немаше луѓе. Во поглед пак на исказите на тогаш обвинетите, а сега амнестирани Стефан Малденоски, Михаел Младеноски и Захарие Симовски во смисла дека истите можеле да се бранат и со невистина, но судот веќе се произнесе зошто ги прифати овие искази при што и тука повторно ќе нагласи дека нивните искази се во склад со останатите докази, а пред се со снимките. Не е точно дека се работи за ново кривично дело со самото дополнување со снимката каде што се гледа удирањето на Пратеникот З. С. . Обвинетиот и неговиот бранител се произнесоа за оваа снимка како што и претходно е наведено, што значи ова негово дејствие не е за првпат споменато во завршни зборови, а сите обвинети беа запознати за овие околности со допис од 12.12.2018 година, но никој од одбраната не сакаше да се произнесува. Освен тоа Застапникот на обвинението ги изнесе своите завршни зборови на ден 31.01.2019 година и откако беа истите изнесени не се продолжи со завршни зборови на одбраната, туку расправата беше одложена и никој од обвинетите не истакна барање за произнесување на некои од околностите од завршните зборови на Обвинителството, туку едноставно пристапија кон изнесување на нивни завршни зборови. Секоја странка своите докази ги изведува сама, па така и снимките беа презентирани од страна на Застапникот на обвинението и не може судот тоа да го прави согласно одредбите од ЗКП, а судот ги гледаше овие снимки во судница и внимаваше дали точно се пренесува тоа што се гледа, а од друга страна одбраната по завршувањето на изведувањето на овој доказ-ЦД снимките доби право да се произнесе за истите.

Бранителот на обвинетиот Абдуљфета Алими меѓу останатото наведува дека не е определено времето, местото, позиција на извршување на кривичното дело, меѓутоа судот не може да се согласи со ваквите наводи од причина што точно е наведено времето на извршување на кривичното дело, местото е многу јасно утврдено, па така мора да се нагласи дека дел од учесниците од овие настани почнале да се собираат пред „Дион“ за да потоа се случи насилниот упад во Собранието и физичките напади врз пратениците, новинарите и овластени службени лица. Самиот обвинет зборува дека токму обвинетиот Горан Ѓошевски Леви му ги побарал клучевите и затоа тој бил во холот пред вратите, но тука судот ќе нагласи дека обвинетиот Абдуљфета Алими тој ден бил задолжен за главниот влез на Собранието, а освен тоа формациското оружје веќе го имал однесено пред да Крсто Мукоски и Сашо Василевски ги отворат вратите и тоа 10-15 минути претходно пред да влезат луѓето во Собранието, за кое нешто јасно зборуваше сведокот В. С. . Отука произлегува дека овој обвинет морал да знае зошто обвинетиот Гиран Ѓошевски Леви му ги барал клучевите. Од снимките јасно се виде и тоа повеќе пати дека овој обвинет иако е полициски службеник не превзема ништо иако покрај него поминуваат и лица со фантомки. Неспорно е и тоа дека кога е повреден полицискиот службеник А. Ј. тој стои до него, но тој претходно ништо не

превзема за да не дојде до ова. Неспорен е и фактот за овој обвинет дека тој помогнал за спасување на пратеникот З. С., но тука мора да се нагласи дека претходно овој пратеник веќе бил однесен во Клубот на пратеници, а сведокот В.С.Н го повикал обвинетиот да го чува повредениот З.С. . Воедно треба да се нагласи фактот дека овој обвинет за цело време на настаните е нем набљудувач за кое нешто се зборува и претходно, па откако е сторено кривичното дело тој помага при спасувањето на Пратеникот З. С. . Бранителот на обвинетиот нагласува дека овој обвинет му дава вода на пратеникот К. за да го избрише повредениот нос, но негова задача не била да дава вода на повредени пратеници да ги измијат раните, туку да помогне, односно да спречи истите да имаат такви рани.

Обвинетиот Младен Додевски и неговиот бранител меѓу другото наведуваат дека секој евентуален контакт со полициски службеник бил случаен и ненамерен, но судот не се согласува со ваквото тврдење на одбраната од причина што од снимките јасно произлезе дека воопшто не може да стане збор за ненамерен, случаен контакт. Од овие снимки јасно се виде неговото насилно однесување на влезните врати на Собранието и пред Прес салата. Овој обвинет на повеќе снимки јасно се гледа како се движи низ Собранието, а освен тоа истиот предводи дел од масата низ внатрешноста на Собранието, носи маска на главата, а се гледа и како истиот повикува со рака и во тој момент толпата го пробива кордонот, кое се гледа од снимката од ЦД МТВ 2 фајл SOBRANIE_27 04 2017 SLUCHUVANJA 2.

Обвинетиот Јане Ченто меѓу останатото наведува дека истиот воопшто не бил пред „Дион“, но ваквите наводи не соодветствуваат со снимките пред се со Видео запис „Над Дион“ камери „СТБ“ од кои јасно се гледа дека и овој обвинет е дел од групата која што е пред „Дион“. Посебно ова може да се утврди на снимката со време 19:13:44. Истиот не оспорува дека имал средба и со обвинетиот Александар Василевски Нинџа, а всушност судот и претходно се осврна на нивната средба која што била остварена преку посредство на тогашниот Директор на УБК В.А. . Истиот имал средба со овој обвинет и во ресторанот „Баба Цана“ во К. за која средба зборува и обвинетиот Александар Василевски Нинџа, како и загрозениот сведок С1 при што овој обвинет истакнува дека судот не може да донесе пресуда само врз основа на исказ на загрозениот сведок С1 и тоа е точно, но судот веќе даде осврт на исказот на овој сведок и не е точно дека за неговите дејствија зборува само загрозениот сведок, туку има и други докази за кои што судот претходно се произнесе. Но, тука сепак судот повторно ќе нагласи дека овој обвинет јасно се гледа на снимките како со нога го удира во пределот на стомакот сведокот З. З. кое нешто произлезе и од Снимки од мобилен телефон -Фајл 20170427_193815, но овој обвинет не само што го удира З.З. туку истиот со црвен чадор го удира и Пратеникот З.С. кој има повреда на челото од десната страна, а овие негови дејствија се потврдени од вештачењето на мобилни телефони одземени од Оливер Поповски. Обвинетиот Јане Ченто јасно се гледа на снимките дека е дел

од толпата народ која што влегува во Собранието и истиот се поздравува со лицата И.Ц. кој што е вработен во Собранието и Михаел Младеноски, а воедно истиот се поздравува и со обвинетиот Горанче Анѓеловски кое нешто произлегува од снимките УСБ 4 Фајл 20170428184822 Камера 08, како и од УСБ 5 фајл 20170428191225 камера 13, скали од приземје кон први спрат хол „Длаборез“, па така не може да стане збор дека овој обвинет не се познава со останатите обвинети, како и некои тогаш обвинети, а сега амнестирани.

Обвинетиот Горанче Анѓеловски и неговиот бранител пред се наведоа дека во обвинението се зборува за спречување на избор за Претседател на Собранието, но смета дека Претседател на Собранието е избран, што значи не може да стане збор за попречување на неговиот избор, но тука треба да се нагласи дека оваа акција била организирана со намера да се спречи изборот на Претседател на Собрание. Тоа била целта на лицата кои што учествувале во извршувањето на ова кривичо дело без оглед што тие влегле во Собранието откако тој избор бил направен, што значи тие не се откажале од влегувањето во Собранието и превземање на насилства и повторно тука треба да се нагласи дека имало и точно утврдено таргети на насилниците. Од друга страна истакнуваат дека патриотското здружение „Ќосето“ брои над 200 членови, а наводно во Собранието биле присутни само Горанче Анѓеловски и И.С., па со тоа сака да се прикаже дека ова патриотско здружение не е дел од организирана акција, но фактот што само наведените двајца членови беа обвинети не значи дека во Собранието немало и други членови на ова патриотско здружение. Истиот не оспорува дека бил во „Дион“, но сепак оспорува дека е дел од организирана група, но не може да стане збор за негов случаен избор токму на овој кафич, а освен тоа од снимките јасно се гледа дека заедно во група оди кон Собранието. Овој обвинет меѓу останатото зборува и за тоа дека мисли Михел, но не Стефан бил со мотор заедно со Никола Митревски Коњо, а после враќањето имал книжна кеса во која што имало маски и луѓето земале од тие маски, па со ова всушност се потврдуваат исказите на тогаш обвинетите, а сега амнестирани Михаел Младеноски, Стефан Младеноски и Захарие Симовски. Доколку навистина оваа група, а меѓу нив секако и Горанче Анѓеловски влегол во Собранието од патриотски причини зошто тогаш оваа група пред „Дион“ земала маски ако тоа не е организирано во смисла да се прикрие идентитетот при превземањето на дејствијата во Собранието. Овој обвинет имал маска, понекогаш ја ставал маската на глава, понекогаш ја вадел, кое нешто произлезе токму од овие снимки. Овој обвинет истакнува дека не знаел каде оди, што прави, додека бил со Оливер Радулов и С.М., но како што е претходно наведено постои телефонска комуникација помеѓу обвинетите Горанче Анѓеловски и Оливер Радулов, а освен тоа самиот обвинет вели дека тој бил со обвинетиот Оливер Радулов бидејќи протестантите го познавале. Од друга страна пак тој наведува дека обвинетиот Никола Митревски Коњо не го познавал, туку истиот го запознал во „Дион“, но судот не може да се согласи со ова од причина што

како што и претходно е наведено додека бил кај влезот Пријавница и додека чекал да излезат од мониторинг собата Оливер Радулов и С.М. тој му се јавил телефонски на обвинетиот Никола Митревски Кољо.

Обвинетиот Игор Југ во своја одбрана наведе дека најпрво сака да разјасни една работа, а тоа е дека Борче Шушка е негов другар од средно школо и истиот нема никаква врска со случувањата на 27.04. ниту пак некогаш бил инволвиран во политички случувања. Наведе дека ќе даде една забелешка на првите две пораки зад кои стои, но мисли дека биле малку извадени од контекст затоа што тој и Б. Ш. разговарале на кумановски дијалект, а првите две биле малку мешани, малку кумановски, малку македонски, како што тој го викал прешевски, но без оглед на тоа тој стои зад сите три пораки. Наведе дека во првата порака му напишал на Борче „тие што ме пратија во Собрание, тие и ме осудија“, па појасни дека никој поединечно ниту лично не го пратил во Собрание, а под „тие што ме пратија“ ги подразбирал сите оние кои преку телевизиски емисии, преку обраќања и прес конференции, преку објави во весници го повикувале 60 и повеќе дена народот да излезе на улица и да си ја брани татковината, а тие истите со чест на исклучоци кои биле чесни, ниту еднаш не собрале храброст да му се придружат на тој ист народ, а бидејќи биле избрани од страна на тој народ и да го поведат бидејќи тоа им било должност, туку како глувци се криеле дома и само го буцкале и го с'скале народот. Како чесен исклучок го спомена Пратеникот А.М. кој нашол доблест и излегол со народот, а и после 27-ми на протестите кои биле организирани секогаш го подржувал народот, при што наведе дека лично тој е ВМРО-вец, тој не е ДПМНЕ-вец, тој е ВМРО-вец по идеологија, за него после светото писмо идеологијата на организацијата ВМРО била нешто најсвето, не партијата. Наведе дека тој во секој претседател, нов претседател на партијата која ги имала четирите свети букви во негово име бара нов Т.А., бара нов човек кој со својот народ и со својата војска ќе спие заедно во планина на гол камен, кој ќе го дели лебот и чорбата од казанот со својата војска. Наведе дека таков бил татко Т., а гоословува како татко бидејќи го смета за татко на македонската нација. Во секој пратеник кој го избира директно народот бара нов Питу Гули, бара нов В.Ч., бара нов Н.П. да застане пред народот и да го поведе, а не да се крие зад него како што правеле денешните политичари, затоа тој во неговата порака напишал „тие што ме пратија тие и ме осудија“, односно тие што со денови ги подбуцнувале и ги потпалувале уште првата вечер, пред првите петли исто што како Св.Петар што се откажал од Исус се откажале од нив, но наведе дека голема разлика имало меѓу нив и Св.Петар. Св.Петар бил доблесен и после со добрите дела го окајал гревот и станал најсветол од сите апостоли. Наведе дека го моли Бога еднаш и нашите политичари да се освестат, да го тргнат егото и саможивноста на страна и со добрите дела да си ги искупат гревовите и дека тоа бил одговорот во кој контекст мислел во првата порака и ја напишал. Понатаму, наведе дека втората порака мисли дека дословно била „тие за кои цел живот вршам работи, не, тие за кои вршам работи, цел живот ме гонат“ и наведе дека тој е еден од

најмладите членови на ВМРО-ДПМНЕ од 1990 година. Тој е најмладиот вмровец кој во време на бивша Југославија бил 48 часа затворен и претепуван во полиција затоа што носел слика од Гоце Делчев и извикувал „ВМРО“. Полицајците, односно милицајците во тоа време кога ќе се одмарале бидејќи не го одмарале него, туку тие се одмарале од ќотекот, му ја покажувале петокраката на нивната шапка и му викале „бугараш, ја уште носам петокрака на главата нема ти да ми викаш ВМРО и да носиш слики од Бугари“. Кога во пораката напишал „вршам работи“, тој за споменатата партија ги вршел скоро сите работи што еден човек од негов калибар можеп да ги изврши, односно тој не бил крупен човек по калибар, можеби по габаритот да, но по моќта не, а за партијата работел се, од лепење плакати до обезбедување конгреси, состаноци на извршни и централни комитети и притоа нагласи дека истото го правел без никаква материјална надомест. Наведе дека уште е од оние што ги викале лудаци, што верувале во идеја, па заради тоа тој на ... години со четири деца, а имал и пет, невработен е, жена му која имала високо образование работи во пицерија на шанк за 230 евра за да може да ја прехрани фамилијата, односно децата и да му донесе нешто нему во притвор. Истакна дека е гневен, сеуште е гневен, пораките биле од 16.09. а тој сеуште е гневен на тие луѓе, но христијанството го научило да простува и ќе им прости, но ни мртов нема да им заборави. Од нив доживел само прогон, а го дал срцето и душата за нив. Наведе дека третата порака не може никако да ја оспори бидејќи била на чист кумановски и гласела „ние по домови, ние по затвори, по бегства, а куртони во фотељи“ и во истата може да се сфати и буквално мисли дека тие старите ВМРО-ци бидејќи тие се ВМРО-ци, а еден дел од партијата се ДПМНЕ-евци и нив не ги есапи за ништо, тоа биле негови јавни ставови кои милион пати ги има изнесено јавно на Фејсбук. Тие старите ВМРО-вци се заборавени, маргинализирани, понижени од дојденците во партијата, нешто што најмногу им забележува, им забележува на бившите раководства на партијата, а тоа било она што секогаш викале: „остајте ги нашите, они ни се сигурни дај да придобиеме некој од комуњарите и од другите партии“ и така раководни места, места во администрација 90 посто се поделиле на дојденци да не каже шкарт исфрлен од другите партии. Наведе дека има еден вестерен филм кој се вика: „За шаком долара“, а тој тоа би го крстил „за шаку гласова“, тоа било објаснувањето на неговите пораки, тоа сакал да го каже, тоа го мислел, стои зад тоа, не му е гајле кој што ќе каже, не му е гајле дали некој ќе му забележи. Наведе дека е отворен човек и кажува се во лице, во очи, нема влакна на јазикот, тврдоглав е и од тоа штета има само тој и неговата фамилија, никој друг не бил оштетен. Во врска со телефонските повици преку Вибер комуникацијата со дел од обвинетите на критичниот ден наведе дека во појаснување ќе каже бидејќи веќе кажал дека е незапослен, егзистенција за неговата фамилија обезбедува со одгледување и дресирање на расни кучиња. Исто така, на некои луѓе им ја следел здравствената состојба на нивните кучиња, тие во нивни жаргон тоа го викале „им ги средувам кучињата“, ги тренирал кондиционо и ги

тренирал за ринг дресура. Ова го кажува затоа што еден од разговорите бил и во таа насока, односно тој и неговиот ортак во некои моменти имале и по сто кучиња, а тој секој ден работел дали со нивни кучиња или со кучиња на луѓе, кои љубители на кучиња не знаеле да работат со кучињата и ги носеле кај нив на подготовка. Наведе дека кога работи кондициона подготовка мобилниот телефон му е вклучен на глас, звонењето е вклучено на глас, го исклучува звукот кога работи дресура за да не го деконцентрира кучето. И тој ден како и секој ден работел со кучињата, имал ринг дресура со едно екстремно страшливо „Кане корсо", затоа тој ден на 27-ми доста време му бил исклучен телефонот, па од таму произлегува дека тој имал два пропуштени повици од А. и два пропуштени повици од Јане Ченто. Кога го погледнал телефонот после не знае колку време, немало саат време, видел дека има пропуштени повици од А. на кој исто така му ги одржува кучињата, па му се јавил на А. . А. кучињата ги чувал на имотот што го имал во К. и му кажал дека добил „Катосал", па појасни дека „Катосал" е минерално витамински комплекс кој го одржува здравјето на забите, зглобовите, коските и мускулите кај кучињата и е неопходен посебно кај младите кучиња во развој, па го прашал дали ќе биде слободен во викендот што доаѓал да одат до К. и да ги боцне кучињата затоа што „Катосалот" тогаш му стигнал. Тоа било во врска со првиот разговор. Наведе дека не знае точно кога му се јавил А. и му кажал дека бил океј за викендот и го прашал дали знае нешто за „Легија на честа" и дали таква организација постоела во К. . Тој му кажал дека ќе провери и се јавил на некои луѓе кои сметал дека можеби би знаеле, кои следеле такви работи, можеби би знаеле за таа „Легија на честа". Наведе дека лично го познава само Ј. П. еден од лидерите на тоа движење бидејќи нивните татковци биле другари, па после 18:00 часот кога веќе прашал и по телефон кого можел, а прашал и зошто во тоа време веќе мисли дека бил стигнат пред Собрание во С. прашал и некои кумановци кои биле таму, но никој не знаел ништо за тоа и му кажале дека за такво нешто прочитале само на Фејсбук и дека во К. такво движење или организација не постоела. Тоа тој му го пренел на обвинетиот Александар Василевски. Околу 20:00 часот и нешто бил во многу голема гужва во Собранието или пред Собранието, не следел во колку часот точно излегол од Собранието, но бил во голема гужва, а во тоа време имал пропуштен повик од обвинетиот Никола Митревски Коњо на кој одговарил после неколку минути кога излегол на потивко место и тогаш обвинетиот Никола Митревски на телефон му звучел видно разочаран и го прашал нешто во врска со поставување на шатори пред Собрание затоа што имале сознанија дека ќе се поставаат шатори пред Собрание и дека таму ќе се останело цела ноќ и наредните денови, мирно да се протестира. Наведе дека последниот повик од обвинетиот Александар Василевски бил негде накај 22:00 часот навечер, исто така бил во голема гужва, го извадил телефонот, го вклучил, додека да излезе од гужвата викал „Ало, ало", но не слушал ништо, врската се прекинала и тоа може да каже во врска со разговорите кои биле изнесени како материјален доказ. Појасни дека под

сите тие што мисли дека ги повикале пред Собрание, дека ги пратиле како што пишувало ги подразбира сите од партиски запослени луѓе, раководители и директори до Претседателот на државата затоа што од сите нив само А. М. собрал доблест и застанал рамо до рамо со нив. Наведе дека тој колку што видел од материјалите кои му биле приложени имал само два пропуштени повика на Вибер, не на остварен повик. Повтори дека во списокот на СМС пораки и телефонски разговори последен разговор кој го добил, кој го има во списокот бил околу 22:00 часот со обвинетиот Александар Василевски, односно дека не добил никаква комуникација со обвинетиот Никола Митревски Кољо во 00, колку било 15 минути, а и за било што во било кој случај да се работи за пет секунди никој на никого ништо не можел да си каже, но тоа воопшто го немало. Појасни дека кога кажал „тие што преку телевизии пишани или непишани пораки и на некои соопштенија не повикуваа" не мислел на обвинетиот Александар Василевски Нинџа, авторот на тие соопштенија не бил обвинетиот Александар Василевски Нинџа, тој не го повикал, при што наведе дека тој е 10 години постар од обвинетиот Василевски и не би сакал да го навреди, но кој бил тој него да го повикува и тој да му биде некој послушник, да го слуша и да му оди како мува без глава кај ќе го прати.

Судот не ја прифати одбраната на обвинетиот Игор Југ од причина што неговата одбрана е сосема спротивна на изведените докази кои што веќе од страна на судот се анализирани. Притоа, мора да се нагласи дека повеќе сведоци зборуваат дека обвинетиот Игор Југ носи пиштол во Собранието, а меѓу нив се исказите на сведоците В. М., на загрозениот сведок С1, исказот на сведокот Д. М., како и на сведокот З. З. . Имено овие сведоци зборуваат за лице кое што носи пиштол во задниот дел од панталоните, а при тоа даваат целосен опис на обвинетиот опишувајќи го како лице со црна маица со ознаки на ХОС, без коса и со брада. Ваквиот опис го дава сведокот Д. М. додека сведокот З. З. го опишува како корпулентна личност, висока над метар и деведесет, ќелав, кој на себе носи маица на хрватските одбранбени сили. За лице со брада, со црна маица, ќелав зборува В. М. и сите наведени сведоци истакнуваат дека ова лице имало пиштол во задната половина на фармерките. Притоа, се зборува и дека ова лице било фокусирано со погледот цело време кон З. З., а истиот бил многу помирен од другите во салата. Описот кој што овие сведоци го даваат на ова лице е идентичен на ликот на обвинетиот Игор Југ. Во поглед пак на забелешката на обвинетиот и неговиот бранител во смисла како сведокот В. М. кој што бил на спротивна страна од Игор Југ можел да го види пиштолот, но тука судот мора да нагласи дека сведокот точно наведува дека се движеле, односно не стоеле во едно место туку самиот вели дека се движел од едната до другата страна, а воедно ова произлезе и од самите снимки. Овој сведок е дециден во својот исказ, истиот вели дека видел дршка од пиштол, но неспорно е дека тој не може да појасни за каква марка на пиштол станува збор и секако дека истиот во време кога им се загрозени нивните животи секако дека не можел да

запамти се што се однесува околу пиштолот. Од друга страна пак загрозениот сведок С1 точно го наведува овој обвинет со име и презиме дека истиот во Собрание носел пиштол. Воедно сведокот З. З. во својот исказ категорично наведе дека обвинетиот Игор Југ носел пиштол во Собранието и дека не се работело за друг предмет од причина што пиштол кој се носи и става на каиш не може да не се забележи и дека со сигурност може да потврди само за едно лице дека имало оружје во моментот кога биле нападнати во Прес салата. Воедно судот мора тука да нагласи дека овој обвинет има превземено и дејствија на насилство и тоа према новинарот Д. Т. кој што при вршењето на препознавање дал точен опис на лицето кое што го нападнало, а зборува за лице кратко шишан, со брада, крупен со црна маичка, висок 180 сантиметри на возраст од околу .. години, а станува збор токму за обвинетиот Игор Југ.

Обвинетиот Влатко Трајковски во своја одбрана наведе дека за да опише што се случувало пред и после 27-ми, мора најнапред да појасни за случувањата за време на Парламентарните избори во декември 2016 година. Наведе дека ВМРО ДПМНЕ е политичка партија која очекувала добри резултати, но тоа за жал не се случило, па по пребројувањето на гласовите, партијата увидела дека тие парламентарни избори се катастрофа и никој не се надевал дека од таква политичка партија, од таков број на членство може да се добие таков катастрофален пораз. Истиот наведе дека бил член на ВМРО ДПМНЕ уште од 1994 година кога имал 15 години. Воедно истиот како доброволец учествувал во одбрана на државата, но смета дека тогаш биле предадени од тогашното раководство на ВМРО бидејќи биле само „глинени гулаби“, но сепак останал доследен на идеологијата на оваа партија. Во 2016 година по Парламентарните избори, по протестите пред ДИК, бил повикан како и сите други членови на состанок на кој се кажувало дека резултатите се многу слаби, дека нивните луѓе ги предале, нивните членови ги предале. Појасни дека не знае од која причина е тоа направено, дали од уцена, страв по нивните работни места, односно да не бидат избркани од работа ако се смени власта, не знае која е причината за предавството. Појасни дека тој како член на ВМРО, се нема огрешено, нема направено ништо што би и наштетило на партијата, ниту земал пари, па поради тоа и немал од што да се плаши. По обавениот состанок со членовите, на обвинетиот му било наредено, да искочи на протест пред ДИК, тоа било класична наредба, на сите им било кажано дека ако не искочат, тогаш ќе дојдат комуњарите и тие ќе ги избркаат од работа. Обвинетиот појасни дека со ваквиот муабет всушност делувале психички на членовите, им го переле мозокот на луѓето, ги заплашувале. По состанокот, на обвинетиот му било кажано да остане за да добие насоки што треба понатаму да се прави, на што обвинетиот кажал дека „после тапани, нема што да прави“, па по ова почнал разговорот и тогаш обвинетиот сватил дека треба „да покажат заби“ на веќе завршена работа. По наредба од Општинскиот комитет допратена до месните комитети кои во тој момент биле подделени село, населба, имало три месни комитети, од кои едниот бил во село Д. кај што

се наоѓал и обвинетиот, се давало насоки да се обезбедат спремни луѓе кои требало во даден момент да реагираат на дадената наредба која што ќе била дадена за да се дејствува. Кога обвинетиот прашал „да не зарати пак“, му било одговорено „на тоа одиме“, „ако е дојдено таа пушка да се носи, ќе ја носиме “, а обвинетиот одговорил „не е момент во 21 век, не би требало такво нешто да се случи, имаме паметни политичари, тоа ќе го средат во дијалог, а не народот да ги земе работите во свои раце, пошто они земаат пари за таа работа да ја вршат, избрани од народот, не преку бојни полиња и со зборот на оружјето, туку со збор на учтивост, со пенкало, разум, ќе се договорат“. Обвинетиот наведе дека уште при тој разговор кажал дека од таа работа нема да биде ништо бидејќи „не ја бива“, рекол дека само ќе бидат „наместени“ а потоа сите ќе ги тргнат рацете од нив, ќе ги изгорат, поубаво би било да направат криминал, отколку да бидат затворени политички, полошо од политички затвореник нема и секоја друга работа е полесна од првата. На 12-ти декември биле повикани да се мобилизираат и да појдат пред ДИК, при што на обвинетиот му било кажано тој да си одбере негови пет души во кои ќе биде сигурен, да одбере луѓе кои ќе му го чуваат грбот, што се риби, луѓе кои ќе ќутат. На ова обвинетиот одговорил дека луѓе може да најде, но дека не е дојдена работа од готово да се прави вересија, но и покрај ваквото негово размислување, сепак во тој момент ги следел насоките на ВМРО, иако избегале од зацртаните линии на партијата, а знаел дека сето ова е со цел да тие го покријат својот криминал, значи дека сите насоки биле давани од лични интереси. Наведе дека бил свесен дека со неговото присуство ја превзема и одговорноста за сето она што би можело да се случи, а тоа не биле негови идеали, но и покрај тоа одел на тие протести секој ден. Не одел дома, спиел во кола на паркинг до „Рамстор“, ја следел работата буден, не одел ни на работа, земал неплатено отсуство, се што правел, правел за партијата. Откога не биднало ништо пред ДИК, имало некои ситни инциденти, кога знаеле колку полиција имало надвор и дека специјалната полиција ЕБР била позади зградата, никој не можел да влезе во државна институција, му кажал дека со првите 5 сантими на влез во зградата знаат што ќе им се случи, не се случило, тоа било само потпалување на она што следело пред тоа. Наведе дека завршиле протестите, а на едни од тие протести бил и тогашниот лидер на ВМРО-ДПМНЕ Н. Г., имал некое излагање, кажувал дека тогаш било време да се покаже која е ВМРО, силата, ги изиграле, а нивна била победата и разни други разговори, но тој не обрнал внимание толку на тоа затоа што државата се знаело кој ја води. На 22-ри, пред почетокот на протестите „За заедничка М.“ слушале на вести некоја „Тиранска платформа“ дека државата ќе ја снема, дека името ќе го сменат, дека Америка ќе се замешала. Во тој период имало многу емисии по весници, познати луѓе зборувале гледано од правен аспект тоа што навистина требало да се случи. На 27.02. почнале протестите „За заедничка М.“, а на 26-ти вечерта бил повикан во 12:15 часот, вечерта и му било кажано дека ќе има протести, дека треба што помасовно сега да излезат на протестите, дека

змијата се тепа по глава, дека ВМРО треба да ја покаже силата и еднаш да стават крај на тие предавства. Истите приказни само се повторувале, па сериозно сфаќајќи ја работата си рекол „каде сите Турци и гол Асан“. По првиот ден на 27.02. а имало веќе состанок тие неколку дена понапред, се договарало како ќе работаат месните комитети по наредба од кого и зошто. Појасни дека месните комитети на ВМРО ДПМНЕ работеле по наредба на општинскиот комитет, месниот комитет си имал претседатели на своите тимови како и потпретседатели, а секој претседател на тим си имал и свои членови кои требало да ги извести што е разговарано на состанокот, а на состанокот од општински комитет да се пренесе од врвот на партијата што се бара. Членовите требало да го исполнат тоа, било кажано да биде задолжително доаѓање на протест, од секој претседател на тим да се направат списоци, да се повикаат неговите членови, да се излезе во голем број, а единствено болест или смрт би било оправдано отсуство. Наведе дека протестите, односно самото доаѓање на луѓето било околу четири и пол, пет часот и секој месен комитет имал збирно место, локација на која имало тројца до четворица луѓе со списоци на кои требало присутните лично да се потпишат дека се таму и да останат на протестот до крај, имало задолжено луѓе за тоа. На тие протести и тој земал учество од патриотски причини, прво бидејќи е патриот, второ бидејќи  е член на таа партија. Обвинетиот наведе дека протестите биле поддржани од политичката партија ВМРО, но се кажувало дека тие не биле поддржани од истата, кое нешто било маска пред светот дека ВМРО не е на протести и затоа им било кажувано да не се носат партиски знамиња, партиски обележја за да биде впечатливо дека ВМРО не стоело зад тоа, но познавајќи ги луѓето секогаш гледал само вмровци. На протестите организаторите никогаш ни ги видел и  слушнал, само еден го видел, а тоа бил глумецот В.Ј., другите биле непознати за него, но благодарејќи на ова дело ги запознал тие прекрасни луѓе што не му изгледаат за такви луѓе, за тоа дело што им се става на товар. На протестите одел кога како, најмногу се задржувал во позадината со неговите другари, а имало и полициски службеници, од обезбедувањето на С.М. до командант на „Алфите“ и наведе дека може да ги разбере од кои причини дошле, едноставно како членови на партијата. Имало и други началници од разни сектори на МВР, други инспектори, но не знае од кои служби за да снимаат со камери од „Жена парк“, а тие што го следеле до дома, не се сеќава кој ден било од протестите, биле началници од УБК. На 26.04. како и сите други протестите биле мирни, имало многу народ, мајки со деца, стари лица, маршутата била едноставна од Влада до Собрание, таму се држеле, повеќе се пеело отколку што се држеле говори. Го запаметил Д. со неговото чукање во микрофон како работа на срцето на М., тоа му оставило впечаток дека протестите биле мирни, дека ќе било добро. Откако по завршување на протестот си отишол, од негов другар бил извикан од дома „Те бараат едни луѓе они се во „Чаче“, тоа било кафана во Д., а на прашањето „зошто не ми се јават?“ му рекол „ова што ќе ти биде кажано не смее да се слушне по телефон, да не има

стенографски записник или слично пресретнување на комуникациите, мора очи во очи“. Отишол во кафаната, се поздравил со луѓето, двајца не познавал, едниот го познавал, другиот само го гледал понекогаш, но не го знаел и му рекол „Утре може ќе се влага во Собрание“, а тој прашал „мојата задача која е, кого ќе утепуваме внатре“, по што тој му рекол „ти нема да утепуваш никого, ти ќе бидеш задолжен во случај ако се влезе во Собранието, а ќе бидат отворени и вратите да пазиш на пратениците од ВМРО ДПМНЕ и на Претседателот Т. В. и да гледаш работата да не искочи во несакан правец“, а обвинетиот му рекол „јас буквално не сум супермен, сам на толку народ и да можам не би го можел да го постигнам тоа“. На ова му било кажано „Не се секирај има и други луѓе, нема да се знаете кој сте, секој ќе си има свој дел од работата“, по што тој прашал „добро дали ќе може да знам што ќе работаат тие“, а му рекле што поголем хаос да се предизвика во Собрание, да се исплашат пратениците кои ќе бидат затечени во Собранието. На негово инсистирање му кажале дека ќе имало луѓе што ќе ги отстрануваат камерите за да нема видео записи и снимки, а обвинетиот рекол „не е добро на тој чекор да влегуваме, во 2001 кога влеговме ама бевме полиција, сега ако влеземе во Собрание по насилен пат ќе бидеме затворени“, па му го кажал и членот упад во државна институција од највисок ранг без дозвола и дека ќе бидат притворени по што го прашале , „Дали си со нас или против нас?“, а тој рекол „Против никого не сум, да размислам“ па рекол „нема да влагам во книжарница ќе влагам во Парламент, последиците кој ќе ги сноси“. Било кажано „не се секирајте од ДБК има луѓе што ќе не штитат, ништо нема да ви се случи“. Тој човек е првиот шофер на Кљусев и четвртиот член на ВМРО од оформување. Понатаму наведе дека на 27-ми дента во 7,00 часот се искуцал со картичката на работа и почнал со работа, по што му ѕавонил телефонот и бил повикан од веќе осудениот М. С. кој го прашал каде е, а обвинетиот му рекол дека е на работа, по што М. го прашал „дали друже нешто ти кажаа“, а тој му рекол „денеска планирам по стандард да одам - дома да се спремам за на саем за во Ниш за лов и риболов, а во петок со господ напред може да идам на протестите“, но тој го прашал „не за петок, за денеска дали ќе дојдеш?“, а обвинетиот му рекол „да дојдам до Влада и да идам до Собрание и од Влада до Собрание да бројам 1850 чекори, не доаѓам“, толку имало од Влада до Собрание. Во 3,15 го напуштил работното место, а во попладневните часови отишол до Собрание да види што се случува. Откако пристигнал во Собрание забележал како се собира народ и во тој момент имало и девојчиња во играорни носии, но не обратил внимание туку се упатил према „Жена парк“, седнал на една од клупите, запалил цигара, земал сендвич од сендвичарница „Нино“ и се упатил кон Плоштадот да седне на некои клупи, а по поминати 20 минути дошол неговиот другар М., а со него имало уште тројца луѓе, не знае кои биле луѓето, не ги видел никогаш во животот. М. му кажал дека биле навивачи од навивачката група „Комити“, така му ги претставил. Не се поздравил со нив и си продолжил напред до „Кеј“, односно покрај кафичите на „Кеј“, стигнале до пред „Дион“. Застанал помеѓу кафичот

„Дион“ и „СТБ“, на самата ограда, пред „Дион“ имало луѓе, имало народ. Во еден момент се забележал немир кај присутните надвор, незнаејќи за што се и немал ни саат, ни телефон, само се слушало се пее, а буквално не сфатил што се пее. По некое време М. се одалечил од него, отишол накај „Дион“, се вратил и му рекол, „Влатко во Собрание се пее албанската химна“. Не изреагирал, само размислил на минатата вечер луѓето што му го кажале тоа, се потврдило сценариото, значи однапред бил смислен планот за да се влезе во Собранието инаку како би знаел човекот да процени ако не било договорено дека утре во Собрание ќе се случело нешто. Наведе дека одеднаш луѓето што биле пред „Дион“ нервозно се движеле, имало нетрпеливост, па откако се собрал народот кај „Стопанска банка“ и по неколку минути се упатиле кон Собранието. Наведе дека не ги познавал луѓето што биле во групата, но видно било дека имало разочарани луѓе, лути, гневни, а успеал да види пред него двајца што носеле фантомка и оделе пред него, па си рекол дека можеби биле тие луѓето човекот што му ги објаснувал дека секој ќе има некоја задача таму, како што му било кажано на 26-ти вечерта. Не обрнал внимание и кога се наближиле кон Собранието убаво запамтил дека до него бил споменикот на Питу Гули, народот ја имал веќе турнато заштитната ограда и стоел пред вратите. Со самото доаѓање пред Собрание во толпата ја видел неговата мајка, татко, зет, сестра, односно сите биле освен жена му која била задолжена да чува деца, па за да избегне средба со мајка му бидејќи се знаело што ќе се случи кога ќе го видела, се одвоил од групата и негде на самиот ќош од Собранието застанал на пола пат од самиот влез и од влезот од АРМ, се обидел да оди напред, но во тој момент мајка му била свртена накај него и го видел М. како доаѓа накај него и му подал нешто во рака и му рекол „Земи“, тоа што му го дал видел дека е фантомка, ја ставил на глава и застанал на исто место, мајка му не го видела и покрај тоа што поминала покрај него, стоел, едно време се видел народот како влегува во Собрание, односно вратите се отвориле. Тој кога дошол народот бил пред вратите, оградите биле турнати, полиција немало, тој дошол до вратата на Собранието со фантомка на глава, од левата и од десната страна стоеле двајца полицајци во плави униформи, со бели шлемови, го погледнале и двајцата, но знаејќи како поранешен припадник на полициските структури дека секое прикривање на идентитетот во Собрание е кривично дело по законот пред да влезе ја извадил фантомката и ја ставил во левиот џеб. Внатре имало народ од сите страни, дошол до една врата која се наоѓала од скалите лево, кај салата „М.“, пред вратата имало многу луѓе, на влезот на самата врата го сретнал сегашниот лидер на ВМРО-ДПМНЕ Х.М., видел многу стари ветерани од ВМРО, како В. З. и А. Ф. и И. С. од Б. . Се упатил кон задниот дел на салата бидејќи напред имало многу народ, било жешко во салата, немало воздух, односно се упатил каде што се наоѓаат кабините за превод, а во тој момент пред него го видел тогаш пратеникот С. од О. кој седел пред него во салата, а од левата страна ја видел Г. С. како се гушка со еден човек. По некое време почнала да се пее песната „А бре македонче“ и тој се качил

на задната фотеља, ги кренал рацете и почнал и тој да пее како и сите. Кога престанало пеењето се вратил кон ѕидот, позади имало еден полицаец, бил од оние за јавен ред и мир ПЕП и немал панцир на него туку тактички елек, шлем, а забележал дека неговото оружје немало рамка во пиштолот поради што се гледало дека бил професионален полицаец бидејќи во толпа никогаш не се носело оружје полно, па макар и да имало демонстранти зошто можело да биде одземен револверот или пиштолот па да биде употребено во обратна насока и според него полицаецот професионално си ја вршел работата. Во еден момент полицаецот дошол до него бидејќи видел дека носи маскирен елек и му рекол „дечко, те молам од овие врати никој да не пушташ да излегува“, па обвинетиот погледнал, едната била лева, едната десна, зошто полицаецот му кажал дека З. З. се наоѓал горе. Наведе дека на снимките кои биле презентирани се гледало дека тој доаѓа од задниот влез од кај пратениците, задниот влез тоа било за одмор за пратениците кај што седеле, се упатил кон предниот дел на Собранието, односно кон излезот на Собранието до оние скали што водат нагоре на скалите имало народ од кои некои стоеле, мафтале, пееле, викале, имало и полицајци со маскирни униформи кои седеле на самиот ѕид не на скалите. Сето ова можело да се види и од самото негово доаѓање до полицајците, таму биле 5 или 6 полицајци кои стоеле, последниот полицаец го познавал, по кратка дискусија со него истиот му побарал шише со вода која му ја дал, а за возврат го прашал каде се наоѓа канцеларијата на Т.В. . Тој му објаснил дека треба да оди само право по ходникот и ќе стигне до канцеларијата. Истиот сакал да ја види канцеларијата на Т.В., па откако му било дозволено тој влегол во канцеларијата каде некое службено лице му дало вода, а потоа продолжил да се движи каде што се движел народот. Кога влегол во Прес салата забележал женска особа со болка во лицето и некој господин кој бил видно збунет и уплашен, па тргнал накај нив бидејќи никогаш не планирал да направи лошо макар и на противникот ако е ранет, бидејќи согласно Женевска конвенција на повредениот треба да му се укаже помош. Кога дошол до вратата дознал дека господинот е пратеник од СДС и му рекол дека не било убаво да биде таму и по ходници зошто ќе биде нападнат бидејќи бил позната личност од политиката, но нема да дозволи ништо да му се случи бидејќи истото му било обврска како патриот и не било патриот само да тепаш некој противник, туку и да браниш противник па му рекол, „ја ќе ве извлечам надвор“. Тој го молел со зборовите „синко извади ме одовдека, ќе не убијат ли?“ на што тој му рекол „и по цена на мојот живот нема да дозволам ништо да ви се случи“ и го изнел надвор од Прес салата 3. По извесно време застанал на истото место од кога ги извадил и стоел,  бил вербално нападнат со погрдни зборови, со пцовки од некој пратеник, а тоа бил пратеникот С.К. кого Обвинителството не го ни повикало да сведочи за неговите лажни клевети дека бил удрен со ПП апарат, па паднал во несвест и никаде не виделе медицинска белешка дека тоа се случило, само виделе добар глумец на глумење на удари што предизвикувале несвест. Од негова страна било кажано „хулигани вака ли

се освојува власт, мајката да ви ја ебам“, по што од страна на обвинетиот му било одговорено „дали се слушаш што збориш, јас ве спасувам, а ти мене хулиган“, а тој рекол „ ма сите сте исти“, по што му рекол „почекај ме тука па да видиш што е хулиган“. Обвинетиот се упатил кон истата стаклена врата каде што излегувале пратениците, го земал ПП апаратот, се вратил кај него и го прскал, но наведе дека не се согласува со обвиенението во делот „прска по обезбедувањето, по новинарите и пратениците во Собранието“. Наведе дека на презентираната снимка се гледало по кого тој прска, кон кого бил упатен апаратот и можело да се забележи дека кога тој се симнува од скалите новинарите останале десно, а тие што биле пред него не можел да види кои биле, бегале од самата создадена прашина. Појасни дека како виден професионалец со сертификат за ракување на противпожарни апарати, пожарникарски курс, пожарникар, ПП апарат со бројка „Ц9“ назив на апаратот е најмалку 20 кила тежок празен, па може да се помисли што би се случило кога ќе го употреби едно физички, психички способен маж од 40 години и да го употреби како оружје сигурно би имало очигледно големи повреди, а можеби и катастрофални. Истакна дека при презентирањето на снимките се виде дека тој не го подигнал апаратот повеќе од коленото, дека стоел покрај десната нога, спуштен и со тоа не може да се удри од таа дистанца човек како што бил пратеникот С.К. со неговата висина. Понатаму наведе дека по бркањето на пратеникот С.К. не знаел која просторија била таму, па застанал со ПП апаратот и кога видел од тој агол дека има и други луѓе, престанал да прска и го оставил ПП апаратот до самите скали, до самата врата. Наведе дека од презентирањето на снимките, тој стои со лицето према камерата, а С.К. стои со грбот, не баш со грбот, странично дошол, со гестикулација со рацете замавнал со десната рака, објаснувал нешто, па не знаејќи што намера имал, дали ќе добие удар или само е објаснување, по што обвинетиот го удрил со левата рака по левото рамо, а со десната по десното рамо, па откако се наведнал С., а позади обвинетиот имало насобрано народ, неговата претпоставка била дека С. се исплашил да не добие и ќотек, па поубаво да падне во несвест, него со ќотек да падне. Истакна дека одеднаш пратеникот како ќеса ѓубре се свлекол по подот за да поминат само 5-6 секунди истиот да стане како ништо да не било, да си замине во соседната просторија. По тоа дејство откако се случило обвинетиот се вратил на истото место, решил да влезе во Сала 3 да види ако може нешто да се спаси. Пред него имал, не знае дали биле маси, столови, се упатил од нивната десна страна покрај ѕидот застанувајќи едно 10 секунди, разгледувајќи ја состојбата што се случувала во тој простор и увидел дека таму било хаос, летале столици, клупи, сталаци, имало пцовки, навреди, „убиј ги“, „предавници“, ги погледнал и се упатил право кон пратениците, а тоа можело да се докаже и од снимките од Собрание, а подоцна ќе образложи и зошто пред него имало еден пратеник кој не знае кој бил, мисли дека бил со бела коса и дека е Албанец, во албанска партија, а зад обвинетиот имало телевизор плазма и пред него еден столб, па обвинетиот дошол до столбот, по

разгледувањето кое го забележал, пратеникот З.С. бил пред столбот, односно пред тој другиот Албанец. Позади него бил пратеникот П. Ш., веднаш до обвинетиот било обезбедувањето на З. со распукана глава, до него бил З. видно и обилно крварел од главата, до него бил неговиот комшија и поранешен куќен пријател С. Т. со кој само гестикулативно со главата се поздравиле и по направената проценка од 6-7 седум секунди сфатил дека на тие луѓе им треба помош, но во тој момент почнало да се пее мисли „Едно име имаме", тој се свртел према пратениците, ги подигал рацете и рекол „Доста, доста, престанете". Наведе дека во тој момент не знае што било, мисли дека било столче удрило во столбот позади него и го погодило право во глава по што му ја дупнало главата, но Обвинителството не го набавило тој доказ, тој доказ го имало на Телевизија Сител, на Канал 5, тој едноставно барал ситни пари доле, излегол на четири нозе како куче до првите клупи и излегол од салата број 3 надвор. При излегување од салата се држел со неговата десна рака за глава и му се вртел паметот, погледнал лево кај што имало столчиња да седне, таму го забележал И.С. како седи на столчето и пуши цигара и други лица со фантомки кои не ги знаел дотогаш. Излегол од неговата десна страна по што прашал каде бил излезот, се симнал доле до ходниците, а бидејќи било жешко и немал повеќе вода, а на една снимка се гледа дека тој оди од врата до врата, ги отвора вратите да најде вода, при што една од вратите се погодило да биде отклучена. Внатре имало две госпоѓи, но не обрнал внимание кои биле, туку само на нивното биро имало шишиња со вода и ги замолил да му дадат едно. Тој момент дошол некој човек кој мислел дека ќе ги нападне, но кога видел дека само зема вода излегол. Кога се слушнала првата експлозија обвинетиот бил во „Жена парк", па отишол во Градска болница да му стават конче на главата, тоа било кај 10, 11 не знае точно кога, а откога се слушнале експлозиите во Собрание заклучил дека полицијата е дојдена и се ќе помине во најдбар ред. Кога од едно лице кое зборувало со друго слушнал „шиптарите" нагласува „се тргнати накај Собрание, ќе има крв", не поверувал во истото, односно тие не биле обични луѓе, биле полицајци, па откако го донеле неговиот другар М.С. повреден со извадено рамо од шок бомба, го легнал на клупата. Едниот му помогнал, при самото наведнување му ја видел значката која му испаднала, значката не била иста како оние значки што ги гледал пред тоа, обична полициска и на неа имало штит и два меча кое значело дека биле службеници од ДБК и го прашале што му се случи, а тој им рекол „Еве ги твоите колеги", при што на самиот збор колеги го погледнале и така дознал дека тој не бил полицаец. Наведе дека недозволено било во затворена просторија да се фрлаат шок бомби и се видел „Длаборез" го рушела полицијата, односно во 11:35 часот тој бил на „Марија Трејд" кај Стаклара, на бензинска пумпа полнел плин и во 12:05 бил дома. Појасни дека во изјавата која ја дал пред Обвинителството кажал дека не се сеќава кого турнал, а тоа што го видел дознал дека била госпоѓата Ш., но неа директно не ја удрил, туку го подбутнал човекот по нејзината рака што ја држел неа, директен контакт со неа немал и ако го сторил тоа длабоко се

извинува за стореното бидејќи истата е припадничка на понежниот пол, а и пратеничка, па што и да се случило било во афект. Наведе дека никогаш не го познавал Нинџа, а лицето што го повикал М. кај „СТБ“ и со кое се поздравил бил многу понизок и послаб од обвинетиот Александар Василевски Нинџа.

Судот не ја прифати одбраната на обвинетиот Влатко Трајковски од причина што неговата одбрана е спротивна на изведените докази. Имено, истиот наведува дека тој бил провоциран, навредуван и пцуен од пратеникот С.К., а во еден момент помислил дека ќе биде удрен од него, но ова не соодветствува со изведените докази пред се со снимката од УСБ 6 New Folder 2 analog_13_18_00_00_04_27.2 со време 23:00 каде што јасно се гледа како обвинетиот Влатко Трајковски е тој кој што нешто му зборува на пратеникот С.К., а после тоа го удира истиот, а после првите удари задава уште неколку, а после овие удари пратеникот С.К. паѓа непосредно пред лифтот. Воедно, на оваа снимка се гледа како овој обвинет се симнува со противпожарен апарат во рацете и прска со истиот, а луѓето што стојат долу во ходникот пред лифтот бегаат, а меѓу нив се наоѓаат и новинари. Не може судот да ја прифати одбраната во смисла дека тој како бивш пожарникар знаел дека со оваа течност нема да повреди никого. Воедно, судот ги ценеше и неговите наводи дека тој не ја удрил пратеничката Р.Ш. затоа што и ова неспорно произлезе од изведените докази, а пред се снимката од ЦД Алфа фајл VTS-02-02 каде со време 03:23 јасно се гледа дека овој обвинет во моментот додека излегува Р.Ш. поминува покрај него, тој нешто и кажува по што со десната рака ја турка, ја бутнува и ја удира со лактот од десната рака. Интересно е за овој обвинет да се спомене дека истиот зборува за организиран влез во Собранието, а имено тој појаснува дека на 26.04.2017 година добил информација од член на ВМРО ДПМНЕ дека наредниот ден, а тоа е токму 27.04.2017 година ќе се влегува во Собранието, а вратите од Собранието ќе бидат отворени при што му било кажано дека внатре ќе има и други луѓе, но меѓу себе нема да се познаваат, а секој ќе си имал свој дел од работата. Воедно бил известен дека имало луѓе што ќе ги отстранувале камерите за да нема видео записи и снимки. Меѓу останатото му било кажано да не се секира затоа што од ДБК ќе има луѓе што ќе ги штитат и ништо немало да им се случи.

Обвинетиот Вилијам Михајловски и неговиот бранител истакнуваат дека Здружението „Черноземски“ било формирано после настаните од 27.04.2017 година, а поточно истото било регистрирано на ден 24.05.2017 година, но ова е ирелевнатно во смисла кога е извршена регистрацијата на ова здружение. Здружението можело да функционира и без званична регистрација. Понатаму, истакнува дека на снимката кога се гледа раката која го удира С. не била тетовирана, а неговата десна рака е тетовирана, па со тоа истиот сака да каже дека таа рака не е негова, но тетоважата на раката може да биде направена во било кој ден после настанот. Не постои правило дека двете раце истовремено треба да се тетовираат. Освен тоа

истакнува дека тој бил оддалечен од С. еден и пол до два метри, но не негира дека бил во првиот ред, но го буткал народот за да не го тепаат С., но сето ова е сосема спротивно од ЦД снимката која е добиена од ОЈО С. со вештачење КО.бр.59/2018 и тоа во време 00:55. Конечно, истакнува дека не се презентирани докази за загрозеност и страв кај граѓаните меѓутоа неспорно е дека овие настани од 27.04. беа пренесувани преку повеќе медиуми и зарем треба посебен доказ дека снимките кои што ги виде целата македонска јавност предизвикале чувство на страв и несигурност кај граѓаните на РСМ.

Обвинетиот Никола Митревски Кољо и неговите бранители меѓу останатото истакнуваат дека тој немал контакт со полицискиот службеник А.Ј. меѓутоа ова е сосема спротивно од ЦД снимката USB 1 New Folder 2 Analog_1_18_55_07__04_27. Од друга страна пак се наведува дека сведокот С.Т. го оттурнал обвинетиот Никола Митревски кој што возвратил, но дури и да го оттурнал С.Т. тоа било со цел да се спречи масата народ да влези во Прес салата, но од друга страна на снимката USB 1 New Folder 2 Analog_1_18_55_07__04_27.0 јасно се гледа како обвинетиот Никола Митревски Кољо со тупаница го удира С.Т. во пределот на лицето. Воедно, неговиот бранител адвокат Јаким Наумов нагласува дека Обвинителството изнесувало само мислење, а не факти и докази, но ова е спротивно на изведените докази од кои се утврдија фактите околу настаните на 27.04.2017 година. Воедно, се зборува дека и во други Парламенти во светот се случувале насилства, но тука мора судот да нагласи дека тоа биле физички пресметки помеѓу пратеници од различни политички партии. Во конкретниот случај немаше физичка пресметка помеѓу самите пратеници, туку животот на пратениците беше загрозен од страна на разгневената толпа која беше влезена во Собранието, а меѓу нив и обвинетите во овој предмет. Меѓу останатото се повикува на членот 10 од ЕКЧП, а тоа е правото на став, односно слободата на мислење и слободата на примање и давање информации, при што наведува дека во Парламентот влегуваат 3.000 луѓе кои го изразувале својот став и мислење, а имаат слобода на мислење кое е гарантирано човеково право по чл.10 од ЕКЧП. Судот тука мора да нагласи дека 60-тина денови маса на луѓе протестираат, но се работи за мирни протести и истите го изразуваат својот став не попречени од никого. Судот се согласува дека согласно ЕКЧП секој има право на став, односно слобода на мислење и слобода на примање и давање информации, но обвинетиот Никола Митревски не е обвинет за изнесен став или мислење, туку за превземање на противзаконите дејствија за кои што дејствија веќе судот се произнесе. ЕКЧП во никој случај не зборува за право на насилство, за насилно влегување со фантомки во Собрание, не зборува за тепање на пратеници, новинари и службени лица. Точно е дека сите што се влезени во Собранието не се обвинети, но битно е дека за обвинетиот Никола Митревски има докази кои што се анализирани во оваа пресуда за противзаконите дејствија. Неговиот бранител се повикува и на пресуди од ЕСЧП Браниганд и Мекбрајт против Обвинетото Кралство и

пресудата за асоцијацијата Еки против Франција од 2001 година. Да, судот се согласува со ваквите одлуки на ЕСЧП, но во овие пресуди никаде не се зборува за насилен упад во Собрание при што дел од нив имаат и фантомки, ниту пак станува збор за тепање на пратеници, новинари и овластени службени лица. Од друга страна пак не станува збор за парцијално доставување на докази на обвинетите и нивните бранители, напротив истите им биле доставувани од Обвинителството, а од друга страна судот не го оспори правото за увид во доказите, напротив на оние бранители кои што побараа увид во списите на предметот тоа им беше овозможено.

Обвинетиот Александар Василевски во своја одбрана наведе дека неговиот прекар е Нинџа, а се водел под псевдоним Самурај, кој му го дал Началникот на Петтата управа, Г.Г. во 2015 година и тој псевдоним служел за распознавање за одредени задачи на Управата за безбедност и контраразузнавање, односно Одделот за оперативна техника и прикриени операции попозната како Петтата управа на МВР или на УБК. Наведе дека во текот на 2015 година негде околу период јануар, февруар, значи кога бил екот на политичката криза во РМ, тогашниот опозициски лидер З. З. почнал да ги објавува т.н. бомби и проектот „Вистината за М.“. Неговите задачи од неговиот тогашен да каже претпоставен или Началник на целиот оддел во Петтата управа бидејќи тој бил лично од него ангажиран биле да собира информации од таргети што ќе му ги даде тој и да го известува лично него, а тие информации се однесувале од поголем карактер од зачувување на уставниот поредок на државата и уфрлување на лица од обични граѓани за потребите на службата. Во 2015 година кога пристапил по нивно барање најпрвин го прашале дали има завршено школо, тој им кажал дека има завршено трет степен во К. М., по што тој лично му кажал дека во службата како Помошник директор на тогашниот Директор може и тајно да го вработи, дека треба да заврши четврта година, по што обвинетиот во тој период се запишал на ФОН, односно во Нова Гимназија средно училиште четврта година, а истиот за потребите на службата му издал службена легитимација значка со број 637, му дал огнено оружје, марка пиштол „Магнум 38 специјал агент“ и радио станица со 16 канали од кои што сите 16 канали биле активни и тоа се слушале сите осум СВР низ РМ меѓу кои и СВР С., а комуникацијата на тајната полиција била на канал 3 со шифра 600. Тоа било во 2015 година, а освен тие задачи му дал насока да се приближи и на негов близок роднина В.П.Т. бидејќи за него службата имала информации дека соработува со српските разузнавачки служби, по кое постапил и службата била во тек на сите негови активности. Наведе дека физичко обезбедување лично немал, но може да каже дека во текот на 2016 година од лицето Г.Г. бил ангажиран да биде очи и уши на неговиот Заменик началник, лицето Н.Б. по кое што постапил. Во 2016 година кога од некои причини во Управата Г.Г. бил сменет, истата управа ја раководел неговиот Заменик началник, Н.Б., а со Н.Б. истото го наследил како што и истата функција со сите овластувања ја наследил од неговиот претпоставен Г.Г. . Г.Г. иако физички бил тргнат

од таа функција тој бил нејзина сенка и глава. Појасни дека кога му ги дал легитимацијата, пиштолот и радио станицата, истото се случило во база „Брест“, кој објект сега е пренаменет за други цели. Во 2016 година кога Н.Б. дошол на чело на Управата, односно Заменик помошник директор обвинетиот почнал секојдневно да се движи со него бидејќи во тој период почнале истраги на СЈО во однос на одредени предистражни постапки, истиот бил во депресивна состојба. Со доаѓањето на чело на УБК на Директорот В.А. во 2016 година на 1 септември истите почнале интензивно да соработуваат. Во тој период во Управата се случувале и истрагите на СЈО, а имало предизборна кампања на која компања оделе тој и Н.Б. како претходница во еден дел на Западна М. кога се одржувале митинзи на тогашната власт ВМРО ДПМНЕ во одредени ситуации кога користеле и дронови. Наведе дека по завршување на изборите кога ВМРО ДПМНЕ извојува тесна победа, односно освои 51 пратеник, а тогашната опозиција 49, после таа вечер биле во Хотел „Русија“ на славење, каде присуствувале високи функционери од партијата меѓу кои и самиот Директор В.А., Н.Б., С.Р., М.Ј., К.Б., И.К., лицето Д.Д. Боксер и сите наздравиле за победата на ВМРО-ДПМНЕ. Но, во следните денови имало приговори од опозицијата на некои избирачки места, се сеќава едно од тие избирачки места било во село Теарце, по што почнале и протестите пред ДИК. Протестите пред ДИК ги организирала ВМРО ДПМНЕ и тогашната нејзина партиска структура од Генералниот секретар К.Б. преку организациониот секретар С.Р. каде што биле повикани сите претседатели на Општински комитети колку што може повеќе народ да излезат на протестите пред ДИК. Неговата задача била да надгледува бидејќи доаѓале поголем дел од групите и надвор од М. и да ја известува службата, а на тие протести со него допаѓал и Н.Б., тогашниот Помошник директор, односно Заменик директор на Петтата управа. Во тој период имало и бина пред ДИК каде што се одржале говори од пратеници од ВМРО ДПМНЕ со потпалувачки патриотски карактер. Се сеќава дека такви говори имал и В.Ѓ., а највпечатлив му бил говорот на пратеничката В.Б. попозната како „Ноќ на ножевите“, а говор имал и Претседателот на ВМРО ДПМНЕ Н.Г. кој кажал дека некои други сакаат да ја оспорат победата на народот мислејќи на ВМРО-ДПМНЕ. Додека траеле прегласувањата на ДИК, односно додека советот заседавал во ДИК, во зградата од штабот на ВМРО ДПМНЕ, односно од страна на ВМРО-ДПМНЕ имало насока ако приговорите бидат во корист на опозицијата СДС да се направи сценарио на насилен протест по што имало насока и да се влезе во зградата, да се врши насилство и да се прекине одлучувањето, но такво нешто не се случило. Кога советот од ДИК одлучил дека ВМРО ДПМНЕ добива 51 пратеник, а опозицијата 49 тогаш на тогашниот Премиер му било одобрено да прави Влада. После тоа кога не се направила Владата со А.А. од ДУИ излегол проектот „За Заедничка М.“ од кулоарите на ВМРО ДПМНЕ. На тие протести имало и водачи, тие почнале на 27 февруари, на истите биле поставени и фиктивни водачи кои биле контролирани од ВМРО ДПМНЕ, односно од нејзините структури, а на тие протести водачи

биле Б. Д., В. Ј., И.Д., Б. И. Б. . Почнале и протестите. Негова задача била да ги следи од службата од УБК, да известува да не има провокатори. Се движел низ толпата, некогаш позади, некогаш напред, се движел со лица од УБК, односно со него биле и началниците Н. Б., мисли на помошникот директор, а во тие мигови доаѓал и Д. Д. Боксер, а во тој период доаѓале и негови другари на протестите и сите се движеле со поворката. Поворката почнувала негде околу 5 часот, по што движењето било од Влада према Собрание. На тие протести доаѓале и патриотски здруженија. Во една прилика во месец март слушнале од извори дека се формира Македонски национален фронт по што Директорот В.А. лично му дал насока да оствари средба со лицето Јане Ченто бидејќи му кажал дека тоа лице моментално е во неговиот кабинет и ќе му даде негов број да го побара. Таа средба била остварена во еден од кафичите на „Кеј“. Го известил Директорот дека е остварена средба со лицето Јане Ченто и кога ќе доаѓа во С. на протести со поголема група дека ќе го знае неговото движење. Иста таква средба по барање на Директорот била иницирана и со лицето Игор Југ, со кого воспоставил контакт, мисли дека тогаш бројот му го дал неговиот другар Никола Митревски Кољо. Му се јавиле бидејќи претходно го немале видено подолго време, отишле во К., со нив бил и еден прикриен агент од службата, оствариле средба во „Баба Цана“ во К. . Средбата била за да осети во тој период бидејќи Игор Југ бил активен на Фејсбук, дали неговото мислење е проруско или антизападно, да направи разговор со него. Додека седеле, ненадејно на таа средба дошло и лицето Јане Ченто, по што исто така воспоставиле неврзан разговор за одредени цели на службата, по што на таа иста средба и се сликале за средбата да биде документирана, а сликата Јане Ченто си ја користел за негови цели. За време на протестите „За унитарна М.“ додека се протестирало имало секојдневно поголема маса на народ, 80 посто тврди дека биле членови на ВМРО ДПМНЕ, 20 посто биле обични граѓани, постари лица, а насоките биле на таа средба за реквизити, шалови, чадори, знамиња, сите тие биле давани од штабот на ВМРО ДПМНЕ, некогаш се носеле со Пик-апи на одредено место каде што луѓето од таму ги земале реквизитите. Истакна дека водачите на Унитарна М. освен луѓето што иделе од патриотски причини, истите тие водачи што претходно ги кажал ги имал гледано во штабот на ВМРО ДПМНЕ, односно кај тогашниот Генерален секретар К.Б. познат како „Благајник“, односно во партијата. Протестите се одвивале, ситуацијата некаде околу 15-ти април почнала да зоврива, поворката кога идела секогаш застанувала пред канцеларијата на Претседателот, се скандирало неговото име, се скандирало против „Тиранска платформа“, двојазичност, нема давање мандат на З. . Знае тој, а мисли дека и на останатите што протестирале им било врежано во самата свест дека некој сака да го загрози уставниот поредок. Протестите се одвивале некогаш како што се одвивале, протестите и реториката на водачите во нивните говори била потпалувачка. Дошол и денот 27-ми. Наведе дека никој од луѓето во судница, освен некои не знаеле што можело да се случи тој ден. На 27 април некаде околу 12:30 часот му се јавил тогашниот Директор на

УБК В.А. и го известил да биде во С. бидејќи имало оперативни сознанија дека тогашната опозиција спрема нешто и му дал насока дека ќе му се јави Н.Б. „Прскач“. Наведе дека ќе го каже неговото движење, па така бил со лицето Д.Д.Д., во К., потоа бил во Ѓ. П. . На враќање од Ѓ.П. му се јавил В. П. викан „Бик“ да прават ручек, му кажал да дојде во „Дион“ бидејќи во „Дион“ било нивното собиралиште, односно омилен ресторан во кој што и претходно две и пол години одел секојдневно, таму ги прославиле родендените на тогашниот директор на УБК и на Н. .ошковски, таму прославувал и нови години и секакви други веселби. Кога дошол во „Дион“ седнал на една од масите на терасата, а таму биле и лицата Михаел Младеноски, Захарие Симовски, Стефан Младеноски, имало повеќе лица, бил и Никола Митревски Кољо и додека седеле на масата, им се јавил Директорот В.А. околу 4 часот, му рекол да надгледува дека имаат информации дека тој ден Социјал-демократскиот сојуз ќе сакаат да избираат Претседател на Собрание, му кажал дека за да ја следи состојбата тој лично го има известено и Јане Ченто и да биде на стен бај. Околу 17 часот дошла неговата сопруга, отишол до кафулето „Тренд“ на плоштад, седел негде до 17:40 мисли, по што му се јавил тогашниот организационен секретар С. Р. и му рекол да отиде до штаб. Во тоа време имал контакт и со С. М., по што истиот му рекол „дојди во базата“, а тогаш база биле „Мериот“ и штабот. Се вратил, дошол, седел во „Дион“ заедно со лицето Веле П., па со негово возило отишле во штабот на ВМРО некаде околу 6 часот и 10 минути. Стигнале до гаражата „Тодор Александров“, го оставиле возилото, влегле од долниот дел на гаражата, тој се качил на спрат нула, В. П. останал во бифето, а тој по навика бидејќи често одел во штабот и мислел дека С.М. со оглед дека едни од неговите простории се наоѓале на петти, некогаш на шести, некогаш на осми спрат, но кога дошол негово обезбедување немало, мислел дека сите биле горе, стиснал на осми, лифтот застанал на осми, излегол од лифтот, а од лифтот кога ќе се излезе лево имало тоалет, на крај чајна кујна, пред нив имало две простории, на крај десно сала. Се упатил натаму, го оставил телефонот на столче, кога влегол во таа сала видел некои други луѓе, С. М. не бил таму, но таму го забележав парамилитарниот штаб на ВМРО-ДПМНЕ, командно-оперативен штаб, потоа лицата Б. Б., С.Р., К. Б., М. Ј., Чавков тогашен златен командир и истите имале пуштено телевизор ТВ Нова и сите разговарале на мобилни телефони. Си земал вода и седнал на една од масите, на една бидејќи имало една голема маса со по девет-десет столици, не знае колку од по страните имало уклучено ТВ Нова телевизија и се прател протестот „За унитарна М.“, „За заедничка М.“. Како се движела толпата према Собрание така се издавале, се координирале наредби. Б.Б. комуницирала со Т. В. по што истиот и давал насоки за состојбата внатре. М. Ј. и С. Р. мисли дека комуницирале со Бетмен, тврди за С. Р. дека комуницирал со Бетмен, К. Б. ги викал сите општински комитети од цела М. најитно да дојдат во С. по директива од партијата. Чавков лично го слушнал дека имал комуникација со И. В. и Митко Пешов, а потоа по некое време дошол и Директорот на УБК В. А. во штабот.

Оттаму истакна дека се координирало сето тоа што се случило на 27-ми април, како што доаѓала масата према Собрание, така наредбите биле подиректни. Б. Б. кажувала дека првото сценарио не успеало, односно дека пратениците не си ја завршиле својата работа, не предизвикале инцидент и немало тепачка помеѓу пратениците, по што дошла насока од нејзе лично, му се јавила на Т. В. и му кажала да се отворат вратите од Собранието. Тоа додека тој бил присутен, било околу 19:15 часот, по што Директорот В. А. го известил да оди на терен и да известува што се случува, па истиот се симнал со него од осми спрат во подрумските простории во гаража каде што му рекол дека известена е службата за прикриени операции, му кажал дека имал телефонски контакт и со „тројка“, а кога кажува „тројка“ мисли на Никола Митревски Коњо и му рекол да се упати према Н.Б. кој ќе го чека кај Градска болница и да известува од терен. Тој со неговиот другар В. П. што го чекал во бифето се симнале од гаражата, излегле, колата ја оставиле, се движеле пешки. Како што се движеле некаде околу 7:20 часот пред „Триумфална капија“ видел таму пролетала мисли Опел Вектра, ја возел тогаш Д. Д. Б. со ротации, како што поминувал ги забележал и Началникот на Петта управа Н. Б., бил и началникот Б. Б., го видел во толпата на народ со околу него и повеќе лица. Потоа се упатил према Градската болница према „Жена парк“, таму го чекал Н.Б. и истиот му кажал дека е со Директорот во контакт, виделе дека луѓето веќе се влезени внатре, а кога тој веќе пристигнал му кажал дека со Директорот В. е во контакт и го известил обвинетиот дека треба да се најде со него, да дојде. Потоа застанале од кај Градска болница и ја набљудувале ситуацијата бидејќи веќе имало луѓе, некои излегувале, некои влегувале. Со него бил и В.П. „Бик“, се сеќава дека нему во тоа време мобилниот му се исклучил, дали имал празна батерија или му се рестартирал не знае, по што од на В. или од на Н.Б. му свртеле на Никола Митревски Коњо кој што бил внатре во Собранието и истиот ги известил и кажал „овде е хаос, почнаа луѓе да тепаат пратеници“, по што во тој момент мисли дека Н. му кажал дека има удрено некое цивилно лице за кое покасно дознал дека е полицаец. Н. Б. му кажал дека има луѓе од прикриени операции кај „Уни Банка“ и од таму имало отворен прозор од првиот спрат и да излезат од таму, но Никола Митревски кажал дека ќе си излезе сам и дека не е со фантомка на глава. Наредбата била да излезат сите. Наведе дека кога тој одел према „Жена парк“, Н.Б. му вртел на Директорот на УБК В.А. и го известил дека во Собранието е настанат хаос, по што истиот цинично му одговорил „комуњарите сакаат да бираат Претседател, така им е“ и го известил дека во тој момент во штабот на осми е Шефот на кабинетот на Претседателот, лицето Борис Јосифовски и дека во секој момент може да биде прогласена воена состојба. Од таму отишле во „Жена парк“, на една од клупите го сретнал тогашниот, претходниот Началник на Петтата управа, а тогаш Началник на УБК Г.Г. . Останал малку со него, а Н.Б. отишол кај колегите од УБК, мисли дека го видел со него Началникот на следење Д. од К. П. кој што бил со повеќе тимови на Секторот за набљудување и документирање. Додека седел со

Г.Г. му кажал дека имаат 7-8 луѓе од прикриени операции внатре во Собрание и му кажал дека има информации од военото разузнавање дека во секој момент може да се прогласи воена состојба. Тоа било негде пред да почне да делува полицијата. Додека седел со него, некој му јавил од внатре од Собранието и тој само му рекол „ова не е на арно, некој друг ја преземал командата“, мислејќи внатре во Собранието бидејќи полицијата веќе почнала да делува. Во „Дион“, групите од „Дион“ мисли другарите кои што биле Никола Митревски почнале да доаѓаат кај споменикот „Прометеј“, таму бил и тој. Истакна дека таа вистина тој што ја видел на осми спрат никој не ја знаел, тврди никој, само тој ја знаел длабоко во него. Потоа наведе дека таму после одредено време дошол Н.Б. кој кажал дека му треба двајца што не се од С. за одредена задача бидејќи претходно барал од Г.Г. од тимот од прикриени операции да му обезбеди, по што истиот му кажал дека неговите луѓе никој не ги знае и таква насока не му дал. Наведе дека не му било познато каква задача ќе имале тие двајца тој ден, сега веќе му е познато и гледа дека сите тука биле искористени и изманипулирани од службата УБК и дел од раководството на ВМРО ДПМНЕ, тоа може лично да го каже со сета негова горчина во душата, тоа било негов став, а мисли дека тоа го чувствуваат и другите обвинети. Понатаму, наведе дека таму биле Никола Митревски, Н.Б., по што со Никола Митревски дошле и двајца, тогаш едниот од нив бил познат како Ќосе, а сега обвинетиот Горан Анѓеловски, по што Н.Б. му се легитимирал и му кажал дека треба да дојдат со него за задача на службата, а каде отишле од таму, од „Жена парк“ него во тој момент не му било познато. Како што поминувало времето Г.Г. добил информации дека вонредна воена состојба нема да има под притисок на странски фактор кај Претседателот. Потоа околу 10:45 или 11:00 часот му се јавил Н.Б. и му кажал да излезе кај Градската болница, ќе го земе некое лице М., М., инспектор од следење. Дошло тоа лице со службено возило „Хонда Цивик“, се качил во возилото и од таму отишле во една од прикриените бази на МВР, односно на Петтата управа, база на МВР на Петтата управа во близина на Државна болница. Претходно во таа база бил повеќе пати, капијата се отворила, внатре бил Началникот Н.Б. и тогашниот Началник С. М. . Во неврзан разговор во самата база имало и едно делче како летниковец и таму разбрал дека биле одземени хард дисковите од мониторинг собата на Собранието, мисли на хард дисковите од безбедносните камери на Собранието, по што имало таму во таа база повеќе објекти и во еден од тие објекти каде што пристапот бил електронски, а знаел и од претходно бил известен дека тоа е работилница за потребите на службата, влеголе внатре тој, Н.Б. и С.М., по што Н.Б. му се јавил на Директорот В.А. и го прашал што да прави со хард дисковите, при што истиот добил одговор да се уништат. Имало преса, С.М. ги извадил хард дисковите од најлонче плава боја по што истите ги ставил на преса. Наведе дека може да каже дека хард дисковите биле црни, во големина 20 x 20 или 20 на 15 по што почнал на преса да ги уништува, а кога ги ставил на работна маса веќе тие биле скршени по што со ножици

за лим ЦД-њата внатре почнал да ги сече на парчиња. Потоа ја напуштиле базата околу 12 часот мисли, Н.Б. му кажал дека треба да оди до МВР, а пред тоа сакал него да го однесе до дома бидејќи немал возило. Со Н.Б. се упатиле кон Автокоманда, но пред да стигнат застанале во Керамидница кај „Топланата“, таму имало еден цигански мост позади „Макпетрол“ бензинската, Н.Б. излегол од кола, се качил на мостот и истурил цело ќесе во В., се вратил за кратко, тоа обвинетиот го гледал бидејќи бил на 10 метра до 15-тина метри од него, угорница мала, ја паркирал колата, се качил, тој бил во колата. Таму забележал дека едниот мобилен телефон му го немало во џеб и мислел да не му бил паднат во кола, запалил светло, го барал и од другиот телефонски број, од … ѕвонел на … неколку пати, по што „Прскач“ му рекол „да не си го заборавил во база“, па оттаму го однел Н.Б. накај дома и му кажал во еден момент дека С.М. ги извал хард дисковите, дека користел хируршки ракавици, дека дејствијата внатре на сите присутни немало да бидат забележани и дека така работела Петка. Потоа го однел во близина на кафич во А., а дома бил во 12:45 часот. Наведе дека тоа било се за вистината на 27-ми април од негова гледна точка, една секвенца, а другиот ден знае дека по наредба на Н.Б. имало пратено луѓе од УБК по сите камери што ги поседувал Сејф сити, односно Петтата управа поседувала и камери, тоа бил посебен оддел, но спаѓа под Петтата управа каде што имало лица од УБК да бидат избришани, потоа исто така наредил да забележат каде имало камери, по што истиот го пратил да се сретне со лицето Г.Б., бидејќи не го познавал. Со Никола Митревски го викнале во „Дион“ и му кажале дека ќе го побараат од службата за некој видео надзор. Тоа било се за настанот од 27-ми април. Појасни дека бидејќи бил некој одреден период недостапен на органите на прогон, имал притисоци од Г.Г. да не се предава бидејќи тој бил мостот по што тој со консултација на неговиот адвокатски тим самиот се предал на судија на претходна постапка. Наведе дека на 27.04.2017 година во периодот во попладневните часови околу два и пол до три,  му се јавил неговиот брат да го праша за состојбата на нивната мајка бидејќи истата боледува од карцином подолг период, а во тие периоди била примена претходно поради болка во стомакот бидејќи била оперирана на реткумот, носела кесичка, по што тој уште еднаш му пуштил порака бидејќи кога брат му бил на службени патувања тој никогаш не му се јавувал на телефонот, секогаш прво му пуштал порака дали може да зборува, а потоа и брат му му одговорил со неколку пораки дека не може да зборува. Појасни дека неговиот брат од 2006 година бил лично обзбедување вработен во Шестата управа, а тогаш бил на работно место обезбедување на тогаш опозицискиот лидер на ВМРО ДПМНЕ, Н.Г. на работен состанок во В. . Наведе дека на критичниот ден не давал пари за купување на фантомки. Обвинетиот наведе и дека во време на отпочнување на објавување на бомбите таргети биле на службата и кога ќе дошле во С. биле пратени и следени од прикриениот тим на Г.Г. бидејќи тој лично не го познавал, но знае дека таргети биле пратеникот З.З. тогашен опозициски лидер, како одел на средби кај тогашниот професор

З.В., тоа било документирано, на средби мисли дома во станот во Аеродром, исто така пратен бил и З.В. . За време на опозициската Влада кога бил Министер О.С. бил следен од Петтата управа, за тоа постоела документација. Може да каже дека на едно такво следење бил и тој, истиот лично присуствувал, тоа било движењето на тогашниот Министер О.С. од С. према К. и влегол во „Порше Делукс“ К. . Таму имало поставено службено возило од прикриениот тим „Голф 4“ со камера и ја пратело трасата на О.С., тој имал лични сознанија бидејќи присуствувал на одредени задачи за обезбедување на терен. Знае со сигурност дека го имаат следено и тогашниот новинар, а и дома му поставувале камери бидејќи истиот кога не бил дома му отклучувале тајно, му поставувале камери и тајно го следеле, а тој мисли дека се вика А.М. . Појасни дека во текот на 2017 година, јули месец дошол Н.Б. и му ја вратил папката во Хотел „Русија“, му ги вратил пиштолот, службената легитимација и радиостаницата, а тој тие потврди што ги потпишувале по налог на Директорот ги земал со него, мисли дека ги искинал. Водачите на протестите, Игор Дурловски, Дамовски, Владо Јовановски и Богдан Илиевски ги гледал со К.Б. како излегуваат од неговата канцеларија, но не може да види во нивните џебови, сепак оперативните информации пренесени од Н.Б., односно од К.Б. према тогашниот Директор В.А. биле дека тие се исплаќани од ВМРО ДПМНЕ за она што го правеле истите за време на протестите. Наведе дека знаел дека на 27-ми дел од групата внатре во Собранието била со фантомки бидејќи во самото Собрание имало лица од Петтата управа и тие известувале, а како што кажал поседувал и радио станица така да истото го слушнал дека и Кољо е влезен. Воедно истакна дека жената со шишки која била во „Жена Парк“ била Началник на Прва управа во контраразузнавање, односно за заштитување на уставен поредок во УБК. Наведе дека водачите на движењето „За заедничка М.“ ги нарекол фиктивни водачи кои биле контролирани од страна на ВМРО ДПМНЕ, а вистинските водачи на движењето „За Заедничка М.“ и оние кои ги контролирале и кординирале протестите биле С. Р. и К. Б. бидејќи истите биле во партиските структури во ВМРО ДПМНЕ и ги координирале протестите на ВМРО ДПМНЕ преку водачите што ги кажал претходно, па и програмата на секој еден поединечно била пишувана во штабот на ВМРО ДПМНЕ за секоја нивна активност. За сценариото на 27-ми ниту тој знаел, а верува и сите обвинети не знаеле бидејќи на осми спрат во штабот на ВМРО ДПМНЕ не видел никој од нив и тој кога отишол Чавков бил таму, како и лицата кои што ги кажал. Наведе дека од оваа временска дистанца лично може да потврди дека патриотските здруженија биле изманипулирани од политички елити, функционери на УБК, исто како што и него го искористиле, затоа дошол и се пријавил, собрал храброст да живее со чиста совест, односно сите биле изманипулирани од дел од раководството на ВМРО ДПМНЕ и структурата на УБК. Обвинетиот нагласи дека додека бил во штабот Митко Чавков им давал насоки на И.В. на Митко Пешов пасивно да делуваат. Додека бил таму обвинетиот Митко Чавков мисли

дека бил исплашен како човек, од кои причини тој треба да каже, а истиот ова го кажува најдиректно, сепак кој му звонел, како му звонел нема сознанија, сепак на лицето му се видел страв. Наведе дека лично нему никогаш не му била дадена насока да откако ќе се влезе во Собранието што треба да се случи во Собранието, односно тој ден што треба да се прави и како да се прави, а за другите не знае. Појасни дека последните десет дена се чувствувала атмосферата бидејќи тој бил во постојан контакт со службите, се знаело дека ќе пукне како што се вика, кога тогаш ќе требало да изберат Претседател на Собрание, но никогаш не би помислил во неговиот мозок дека тоа што го видел дека некој може во неговата глава да го смисли. Тој мисли дека тоа било смислено заради случаевите на Специјалното јавно обвинителство бидејќи тогаш биле во тек, да се отфрли вниманието на јавноста, да се искористи еден настан и да се пренамени мислењето на обичниот народ, тоа е негово мислење.

Судот во поглед на одбраната на обвинетиот Александар Василевски Нинџа мора да нагласи дека во дел неговата одбрана е во склад со изведените докази. Имено, истиот зборува за негова средба со обвинетиот Јане Ченто со кого се сретнал во К. во ресторанот „Баба Цана“ додека бил на средба со обвинетиот Игор Југ, а ова всушност е во склад и со исказот на загрозениот сведок С1. Од изведените докази произлезе дека се она што се случи на 27.04.2017 година е всушност добро обмислена и органзирана акција. Токму за ова зборува всушност и обвинетиот Александар Василевски во својата одбрана. Тој посочува дека обвинетиот Горанче Анѓеловски бил испратен во Собранието вечерта додека седеле во „Жена парк“ и тоа од страна на Н.Б., а неспорно е дека овој обвинет беше во Собранието заедно со С.М. и О.Р. додека беа вадени хард дисковите. Овој обвинет меѓу останатото кажува дека дел од овие настани биле и патриотските здруженија за кои што вели дека биле изманипулирани од политички елити. Меѓу останатото обвинетиот многу јасно посочува дека обвинетиот Митко Чавков за време на настаните бил во штабот на ВМРО ДПМНЕ. Меѓутоа судот неможе, а да не нагласи дека и овој обвинет е дел од тоа смислено сценарио, а тоа јасно произлезе од изведените докази. Тука судот мора да истакне дека овој обвинет јасно се виде на снимките пред „Дион“ и за неговите дејствија судот се осврна при анализата на тие снимки. Воедно и тогаш обвинетите, а сега амнестирани Стефан Младеноски, Михаел Младеноски и Захарие Симовски јасно го посочија и овој обвинет како дел од оние кои што беа инволвирани во настаните од 27.04.2017 година и за неговата улога при организирање на настаните.

Обвинетите меѓу останатото говорат и тоа поголемиот дел од нив дека меѓусебно не се познаваат, но постојат телефонски комуникации помеѓу дел од нив и тоа токму на 27 април 2017 година, а освен тоа дел од нив јасно се гледаат и на снимките пред кафе барот „Дион“ каде што им се делат маски, а неспорно произлезе од изведените докази пред се од снимките дека некои од нив се поздравуваат во внатрешноста на

Собранието, па токму затоа не може да се прифатат ваквите наводи дека истите помеѓу себе не се познавале. Напротив од сите изведени докази произлезе дека се работи за повеќе поврзани и услогласени дејствија почнувајќи од мобилизирање на членството на повеќе здруженија од С. и други градови, делење на маски и фантомки за насилно влегување и вршење насилство во просториите на Собранието. Дел од ова смислено сценарио како што и повеќе пати е нагласено се високи полициски службеници.

Најголем дел од обвинетите во своја одбрана зборуваат дека истите се изманипулирани, излажани, а некои во Собранието влегле од љубопитност, но судот не може во никој случај да прифати ваква одбрана со оглед да истите се свесни за своите постапки. Се зборуваше за емоции, наводно биле поведени од емоции кон татковината, но за какви емоции станува збор кога има насилство, урнисување на Собранието. Зарем татковината се сака со тепање на пратеници, новинари и овластени службени лица. Не, судот не може да прифати дека станува збор за патриотизам. Притоа, треба да се цени фактот дека согласно Уставот, РСМ е конституирана како суверена, самостојна, демократска и социјална држава. Во истата треба да се воспостави и зацврсти владеењето на правото, да се гарантираат човековите права и граѓанските слободи, да се обезбеди мир и соживот, социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот, преку своите претставници во Собранието на РСМ. Без оглед дали некому одговараат одредени дејствија кои државата ги превзема, одредени одлуки кои Собранието ги донесува или пак одредени ставови кои поединци во рамките на своите овластувања ги имаат, да поттикнува омраза, предизвикува насилство или било какво дејствие кое би било загрозувачко за граѓаните, пратениците, а особено штетно за угледот на РСМ.

Се оспоруваше дека станува збор за добро организирана акција, но зошто тогаш токму очигледно беше кој е таргет на оваа разгневена маса. Несомено тоа беа пратениците кои што го формираа парламентарното мнозинство, меѓу кои и пратеникот З.С. кој е Албанец и тогашниот пратеник, а сега Премиер З.З., а со ваквите превземени дејствија се гледа всушност и намерата за загрозување на уставниот поредок и безбедноста на РСМ.

Со дејствијата на обвинетите неспорно е дека во голема мерка се наруши угледот на РСМ. Имено, РСМ е земја со кандидатски статус за членка на ЕУ и стреми кон европски вредности, а на 27 април 2017 година ударна вест на многу угледни светски медиуми беа токму настаните од „Крвавиот четврток“. Сликите од раскрвавените глави на пратениците, тепањето на новинари и дел од полициските службеници го обиколија светот и ја претставија земјата во негативна конотација.

Таквите дејствија придонесуваат за загрозување на иднината на државата, а не за зајакнување на темелите на истата кое несомнено е многу полесно како што рекол и античкиот поет Пиндар „Не е тешко да се уништи државата, тешко е да се постави на цврсти нозе“.

Точно е она што го велат дел од обвинетите дека и во други светски Парламенти се случувале насилства, но мора да се има во предвид дека во таквите случаи станува збор за физички пресметки помеѓу пратеници од различни политички партии. Во конкретниот случај немаше физичка пресметка помеѓу самите пратеници, туку животот на пратениците беше загрозен од страна на разгневената толпа која беше влезена во Собранието, а меѓу нив и обвинетите во овој предмет.

Судот во целост го разбира револтот на обвинетите од носењето на Законот за амнестија, револт кој беше создаден кај нив заради нееднаквиот третман за сите обвинети. Но, Законот е донесен од страна на Собранието, изгласан со 2/3 мнозинство при што за дел од лицата обвинети во овој предмет постапката беше запрена согласно одредбите од наведениот закон во кој што беа разграничени дејствијата превземени од страна на лицата учесници во настаните од 27 април.

Конечно, не може да стане збор дека согласно Законот за амнестија сите обвинети можеа да бидат амнестирани, а ниту пак оние кои што не се амнестирани да бидат ослободени од кривична одговорност ако доказите го докажуваат спротивното, извршување на кривичното дело кое им се става на товар на обвинетите. Впрочем како што рекол и самиот атински поет Софокле „Државата во која насилството и поединците остануваат неказнети ќе заврши во длабока темнина“.

Судот мора да нагласи дека овој предмет се водеше за настаните од 27 април 2017 година кога се случи насилниот упад во Собранието на РСМ, во претставничкиот орган на граѓаните, во законодавниот дом кој и како таков е дефиниран во чл.61 од Уставот. Според својот назив парламентот претставува место каде што се одвива дискусија, се расправа, се зборува. Собранието треба и мора да биде храм на демократијата. Демократијата претставува облик на управување каде што државната власт произлегува од народот, власта е во рацете на народот. Но, тоа никако не значи дека народот има овластување целосно и независно од институциите на државата да управува со истата на начин кој што сам го одредува, туку неговото остварување на одредени цели го врши преку избраните претставници во Собранието. Граѓаните го користат своето право, но не лично туку само преку избраните претставници од нив и со одговорност кон нив. Токму затоа не смееше да се случи „Крвавиот четврток“.

Врз вака утврдена фактичка состојба следуваше судот да одлучи како во диспозитивот на оваа пресуда од причина што од доказите на кои судот им поклони верба, а кои што се погоре наведени, се утврди дека во дејствијата на обвинетите Митко Чавков, Митко Пешов, Душко Лазаров, Горан Ѓошевски – Леви, Оливер Поповски, Мунир Пепиќ, Абдуљфета

Алими, Младен Додевски, Јане Ченто, Горанче Анѓеловски, Игор Југ, Влатко Трајковски, Вилијам Михајловски, Никола Митревски –Кољо и Александар Василевски - Нинџа целосно се исполнети битните елементи на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од Кривичниот Законик, а во дејствијата на обвинетиот Оливер Радулов целосно се исполнети битните елементи на кривичното дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 вв со чл.24 Кривичниот Законик, па судот обвинетиот Митко Чавков го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 18-осумнаесет години, при што согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 26.03.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 28.03.2018 година и времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 02.05.2018 година и од 12.03.2019 година до 15.03.2019 година, како и времето поминато во притвор од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната; обвинетиот Митко Пешов го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 15-петнаесет години, при што согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 26.03.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 28.03.2018 година, како и времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 24.10.2018 година, како и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор; обвинетиот Душко Лазаров го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 15-петнаесет години, а согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 29.11.2017 година до 26.03.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 28.03.2018 година, времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 10.07.2018 година, како и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор; обвинетиот Горан Ѓошевски – Леви го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 15-петнаесет години, при што согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 26.03.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 28.03.2018 година, времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 25.06.2018 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор; обвинетиот Оливер Поповски го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 13-тринаесет години, а согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 26.03.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 28.03.2018 година, времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 26.06.2018 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор; обвинетиот Оливер Радулов го огласи за виновен и го осуди на казна

затвор од 10-десет години во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 21.02.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 21.02.2018 година до 15.03.2019 година, како и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор; обвинетиот Мунир Пепиќ го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 15-петнаесет години, а согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 26.03.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 26.03.2018 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор; обвинетиот Абдуљфета Алими го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 7-седум години во која казна се засметува времето поминато во притвор сметано од 11.12.2017 година до 26.06.2018 година како и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување на издржување на казната затвор; обвинетиот Младен Додевски го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 12-дванаесет години, а согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 12.01.2018 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор; обвинетиот Јане Ченто го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 15-петнаесет години, а согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 29.11.2017 година до 21.02.2018 година, времето поминато во куќен притвор сметано од 21.02.2018 година до 03.04.2018 година, времето поминато во притвор од 03.04.2018 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор; обвинетиот Горанче Анѓеловски го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 12-дванаесет години, а согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор; обвинетиот Игор Југ го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 12-дванаесет години, а согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 29.09.2017 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казнтата затвор; обвинетиот Влатко Трајковски го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 15-петнаесет години, а согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.11.2017 година до 15.03.2019 година, обвинетиот Вилијам Михајловски го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 14-четиринаесет години, а согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 29.11.2017 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор; обвинетиот Никола Митревски – Кољо го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 15-

петнаесет години, а согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 28.03.2018 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор и обвинетиот Александар Василевски - Нинџа го огласи за виновен и го осуди на казна затвор од 8-осум години, а согласно чл.47 од КЗ во казната се засметува времето поминато во притвор сметано од 11.06.2018 година до 15.03.2019 година и времето поминато во притвор сметано од 15.03.2019 година до започнување со издржување на казната затвор. Воедно врз вака утврдена фактичка состојба следуваше судот да го ослободи од обвинение обвинетиот Игор Дурловски бидејќи Јавниот обвинител не докажа надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое сеобвинува. Имено од изведените докази неспорно произлезе дека обвинетиот Игор Дурловски на 27 април 2017 година ја пеел државната химна пред Владата, бил во Собранието и истиот неспорно е дека на повеќе снимки се гледа дека е во внатрешноста на Собранието, но овој обвинет не превзема никакви дејствија на насилство. Неспорно е дека истиот се гледа во сала „М.“ качен на нешто до Борис Дамовски со кренати раце и аплаудира на говорот на Борис Дамовски, но обвинетиот не држи потпалувачки говор. Судот мора да нагласи дека сведокот К.Д. вели дека при симнување од скалите го видел лицето Игор Дурловски, стоел надвор од Прес салата, стоел на два метри од скалите пред салата и мисли дека тој ги посочувал луѓето како организатор кој каде да оди, но наведе дека не е сигурен, според негово мислење мисли дека и кај него испратил луѓе со зборовите „и овој е еден од нив“ и откако дошле мисли дека биле тројца постари лица имал предност што бил над нив, одозгора и така ги одбивал од него за да се симне доле и да го земе обезбедување од Собрание да го однесе во една од канцелариите на Собранието да го засолнат. Тука судот мора да нагласи дека и самиот сведок зборувајќи за присуството на овој обвинет го употребува зборот„ мислам“ што значи не го кажува ова со сигурност, а освен тоа неговиот исказ во овој дел не се поклопува со останатите изведени докази. Имено точно е дека обвинетиот се гледа на повеќе снимки во внатрешноста на Собранието, но не беше презентирана снимка од која би се потврдил исказот на сведокот. Воедно судот го ценеше и исказот на обвинетиот Александар Василевски Нинџа кој истакна дека во штабот на ВМРО ДПМНЕ го видел и обвинетиот Игор Дурловски како излегува од канцеларијата на К.Б. кој го нарекувале „благајник“, а обвинетиот Александар Василевски Нинџа слушнал дека овој обвинет како и лицата Богдан Илиевски, Борис Дамовски и Владо Јовановски добиле паричен надомест за организирање на протестите „За заедничка М.“, но тука повторно судот нагласува дека ова со ниту еден доказ не е поткрепено. Освен тоа и самиот обвинет Александар Василевски Нинџа вели дека тоа го слушнал од друго лице, што значи истиот не видел лично дека обвинетиот Игор Дурловски добивал паричен надомест.

Со оглед на претходно наведеното во поглед на обвинетиот Игор Дурловски судот во смисла на чл.403 т.3 од ЗКП го ослободи од обвинение дека со дејствијата од обвинението би сторил кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од Кривичниот Законик бидејќи Јавниот обвинител не докажа надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое се обвинува.

При одлучување за видот и висината за казната овој суд ги ценеше сите околности од чл.39 од КЗ, како отежителни така и олеснителни. Пред да судот поединечно ги наведе сите отежителни и олеснителни околности за обвинетите судот нагласува дека за сите обвинети меѓу останатите отежителни околности кои пооделно ќе бидат наведени како отежителни околности за сите обвинети судот ги цени и околностите дека со извршувањето на ова кривично дело, односно со превземените дејствија од страна на обвинетите се наруши угледот на РСМ, потоа при овие настани повредени се пратеници, новинари и полициски службеници, а освен тоа има и уништување на инвентар во Собранието на РСМ. Како отежителни околности за обвинетиот Митко Чавков судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, како и повредата на заштитеното добро, при што посебно судот го ценеше фактот дека обвинетиот во моментот на извршување на кривичното дело истиот бил Директор на БЈБ, Раководител на ОШ и носител на Златна команда. Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на две полнолетни деца, истиот не е осудуван и против него не се водат други постапки. За обвинетиот Митко Пешов како отежителни околности судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, како и повредата на заштитеното добро, при што посебно судот го ценеше фактот дека обвинетиот во моментот на извршување на кривичното дело бил Началник на ОСПО. Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на две деца од кои едното малолетно, истиот не е осудуван и против него не се водат други постапки. Како отежителни околности за обвинетиот Душко Лазаров судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, како и повредата на заштитеното добро, при што посебно судот го ценеше фактот дека обвинетиот во моментот на извршување на кривичното дело бил Началник на Сектор во ОУП. Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на две полнолетни деца, истиот не е осудуван и против него не се водат други постапки. Како отежителни околности за обвинетиот Горан Ѓошевски-Леви судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите

под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, како и повредата на заштитеното добро, при што посебно судот го ценеше фактот дека обвинетиот во моментот на извршување на кривичното дело бил Началник на Одделение категорија Б, ниво Б5, за лично обезбедување на Претседателот на Собрание, Сектор за обезбедување на личности, Оддел за заштита на определени личности и објекти. Како олеснителни околности за овој обвинет судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на две полнолетни деца, истиот не е осудуван и против него не се водат други постапки. Како отежителни околности за обвинетиот Оливер Поповски судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, како и повредата на заштитеното добро, при што посебно судот го ценеше фактот дека обвинетиот во моментот на извршување на кривичното дело бил Началник на Сектор за превентивно обезбедување на личности и објекти во Оддел за заштита на определени личности и објекти. Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на две малолетни деца, истиот не е осудуван и против него не се водат други постапки. Воедно судот како олеснителни околности го ценеше фактот дека овој обвинет пред Прес салата и тоа пред да влезе насилната толпа во салата во еден момент застанува пред обвинетиот Никола Митревски Кољо, а воедно го дава својот беџ на сведокот С.Т. . Како отежителни околности за обвинетиот Оливер Радулов судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, како и повредата на заштитеното добро, истиот е осудуван, при што посебно судот го ценеше фактот дека обвинетиот во моментот на извршување на кривичното дело бил вработен во Управата за безбедност и контраразузнавање. Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на две малолетни деца, како и околноста дека против него не се водат други постапки. Како отежителни околности за обвинетиот Мунир Пепиќ судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, како и повредата на заштитеното добро, против него се води друга постапка за друго кривично дело, при што посебно судот го ценеше фактот дека обвинетиот во моментот на извршување на кривичното дело бил вработен во Агенцијата за ... Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на две малолетни деца и едно полнолетно дете, истиот не е осудуван. Како отежителни околности за обвинетиот Абдуљфета Алими судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите

под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, како и повредата на заштитеното добро, при што посебно судот го ценеше фактот дека обвинетиот во моментот на извршување на кривичното дело бил Виш оперативен работник-внатрешно обезбедување на главен влез на Собрание. Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на две полнолетни деца, истиот не е осудуван и против него не се водат други постапки. Воедно судот како олеснителна околност ја зема околноста дека овој обвинет помогна при спасувањето на повредениот Пратеник З.С., иако тоа го сторил откако претходно го извршил кривичното дело. Сепак судот ова го зема како олеснителна околност затоа што повредениот пратеник всушност бил таргет на разгневената маса, а обвинетиот му помогнал на пратеникот пред да почне да делува полицијата, а не како други обвинети кои почнаа да помагаат откако почна да делува полицијата. Како отежителни околности за обвинетиот Младен Додевски судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, како и повредата на заштитеното добро, како и фактот дека истиот е осудуван со повеќе пресуди на Основен суд С. 1 С. . Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на едно малолетно дете и околноста дека против него не се водат други постапки. Како отежителни околности за обвинетиот Јане Ченто ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, како и повредата на заштитеното добро. Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на едно малолетно дете, истиот не е осудуван и против него не се водат други постапки. Како отежителни околности за обвинетиот Горанче Анѓеловски судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело и степенот на кривичната одговорност, повредата на заштитеното добро. Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на едно полнолетно и две малолетни деца, како и фактот дека истиот не е осудуван и против него не се водат други постапки. Како отежителни околности за обвинетиот Игор Југ судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, повредата на заштитеното добро, истиот е осудуван. Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, живее во вонбрачна заедница, татко на четири деца од кои две малолетни, како и околноста дека против него не се водат други постапки. Како отежителни околности за обвинетиот

Влатко Трајковски судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, повредата на заштитеното добро, како и фактот дека истиот е осудуван со пресуда на Основниот суд С. 1 С. . Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на две малолетни деца, како и фактот дека против него не се водат други постапки. Како отежителни околности за обвинетиот Вилијам Михајловски судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, повредата на заштитеното добро, како и фактот дека истиот е осудуван со пресуди на Основниот суд К. . Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, неженет, како и фактот дека против него не се водат други постапки. Како отежителни околности за обвинетиот Никола Митревски-Кољо судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, повредата на заштитеното добро, како и фактот дека истиот е повеќе пати осудуван. Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на две малолетни деца, како и фактот дека против него не се водат други постапки. Како отежителни околности за обвинетиот Александар Василевски-Нинџа судот ги зема во предвид видот, карактерот, тежината на кривичното дело, околностите под кои е сторено делото и тоа местото и начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност, повредата на заштитеното добро, како и фактот дека истиот е осудуван повеќе пати. Како олеснителни околности судот ги ценеше возраста на обвинетиот кој е роден ... година, женет, татко на едно малолетно дете, како и фактот дека против него не се водат други постапки. Поради наведеното судот смета дека во конкретниот случај постојат такви околности кои укажуваат на тоа дека со изречените санкции како во диспозитивот на пресудата ќе можат да се постигнат целите на казнувањето предвидени во чл.32 од КЗ, како на планот на генералната, така и на планот на специјалната превенција, односно позитивно ќе се влијае врз обвинетите и врз другите во иднина да не вршат вакви или слични кривични дела.

Согласно чл.105 ст.1 од ЗКП, судот ги задолжи обвинетите да ги надоместат трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 1.268.144,00 денари, од кои што износ од по 5.000,00 денари на име паушал на сметка на судот, а во смисла на чл.102 ст.2 т.6 од ЗКП, обвинетиот Митко Чавков да плати сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис

на снимките, согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност адвокат Иле Танев за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, а износ од 1.534,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, обвинетиот Митко Пешов да плати сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 22.825,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С. за шеснаесет расправи согласно чл.102 ст.2 т.3 и 4 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност адвокат Иле Танев за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Душко Лазаров да плати сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, а износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Иле Танев за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Горан Ѓошевски –Леви сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП и сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност адвокат Жарко Георгиевски за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Оливер Поповски сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Жарко Георгиевски за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обивнетиот Оливер Радулов сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, износ од 84.100,00 денари за спровод од куќен притвор, а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4,од ЗКП, а сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Жарко Георгиевски за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Мунир Пепиќ сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 66.000,00 за спровод на обвинетиот од куќен притвор на 55 рочишта за главна расправа за секое од по 1.200,00 денари, а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Вања Николиќ за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Абдуљфета Алими сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Вања Николиќ за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, обвинетиот Младен Додевски сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име

трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките, солидарно со обвинетите Никола Митревски-Кољо и Александар Василевски-Нинџа да ги надомести трошоците за превод од македонски на француски јазик во износ од 13.500,00 денари, согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Реџепагиќ Фехим Фехо за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, и сума во износ од 98.944,00 денари за спровод од затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4,од ЗКП, обвинетиот Јане Ченто сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Александар Варела за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, а износ од 98.944,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4,од ЗКП, обвинетиот Горанче Анѓеловски сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Александар Варела за една расправа, сума во износ од 27.000,00 денари за застапување на бранителот по службена должност адвокат Биљана Стојаниќ за осум расправи или за секоја пооделно по 3.000,00 денари и за писмено изработена жалба согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, а износ од 98.944,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4,од ЗКП, обвинетиот Игор Југ сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Александар Варела за една расправа, а износ од 98.944,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4,од ЗКП, обвинетиот Влатко Трајковски сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Валентина Тодоровска за една расправа, сума во износ од 105,000,00 денари за застапување на бранителот по службена должност Биљана Стојановиќ на 35 расправи или за секоја пооделно по 3.000,00 денари, потоа сума во износ од 12.000,00 денари за состав на 4 жалби и 3.000,00 денари за посета на обвинетиот во Затвор С.-С.,согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП и сума во износ од 98.944,00 денари за спровод на обвинетиот од Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4,од ЗКП, обвинетиот Вилијам Михајловски сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Горан Каркински за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, а износ од 98.944,00 денари за спровод на обвинетиот од

Затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4,од ЗКП, обвинетиот Никола Митревски – Кољо сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките, солидарно со обвинетите Младен Додевски и Александар Василевски-Нинџа да ги надомести трошоците за превод од македонски на француски јазик во износ од 13.500,00 денари, согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Горан Каркински за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, и сума во износ од 98.944,00 денари за спровод од затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4,од ЗКП, обвинетиот Александар Василевски – Нинџа сума во износ од 852,00 денари кои што се однесуваат на име трошоци за визуелно тонско снимање и препис на снимките, солидарно со обвинетите Младен Додевски и Никола Митревски-Кољо да ги надомести трошоците за превод од македонски на француски јазик во износ од 13.500,00 денари, согласно чл.102.ст.2 т.1 од ЗКП, сума во износ од 3.000,00 денари на име трошоци за бранител по службена должност, адвокат Горан Каркински за една расправа согласно чл.102.ст.2 т.7 од ЗКП, и сума во износ од 98.944,00 денари за спровод од затвор С.-С., а согласно чл.102 ст.2 т.2 и т.4 од ЗКП, а сето ова да го сторат во рок од 15-петнаесет дена по правосилноста на пресудата под страв на присилно исполнение.

Согласно чл.106 ст.1 од ЗКП, трошоците на обвинетиот Игор Дурловски паѓаат на товар на Буџетот на РСМ.

ОСНОВЕН СУД С. I С.

IX.КОК.бр.40/18 од 15.03.2019 година

Записничар — Претседател на совет -Судија

Гордана Стојановска с.р. — Добрила Кацарска с.р.

ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба
во рок од 15-петнаесет дена, по приемот на
истата преку овој суд до Апелационен суд С.

ДН: ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција С.

Обвинетиот Митко Чавков во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Митко Пешов во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Душко Лазаров во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Горан Ѓошевски Леви во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Оливер Поповски во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Оливер Радулов во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Мунир Пепиќ во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Абдуљфета Алими во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Игор Дурловски ул.„24“ бр.34 Сопиште, С.

Обвинетиот Младен Додевски во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Јане Ченто во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Горанче Анѓеловски во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Игор Југ во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Влатко Трајковски во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Вилијам Михајловски во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Никола Митревски Који во КПУ Затвор С.-С.

Обвинетиот Александар Василевски Нинџа во КПУ Затвор С.-С.

Бранителот на обвинетиот Митко Чавков, Сашко Дуковски адвокат од С.

Бранителите на обвинетиот Митко Пешов, Павлина Зефиќ и Панче Тошковски адвокати од С.

Бранителот на обвинетиот Душко Лазаров, Звонко Давидовиќ адвокат од адвокатско друштво „Давидовиќ и Јанковиќ“ од С.

Бранителите на обвинетиот Горан Ѓошевски Леви, Ружица Николовска и Мира Радовановиќ адвокати од С.

Бранителот на обвинетиот Оливер Поповски, Панче Нефтенов адвокат од С.

Бранителите на обвинетиот Оливер Радулов, Гоце Ристески и Петар Василев адвокати од С.

Бранителот на обвинетиот Мунир Пепиќ, Еленко Миланов адвокат од С.

Бранителот на обвинетиот Абдуљфета Алими, Донче Наков адвокат од адвокатско друштво „Наков и Бошков“ од Ш.

Бранителот на обвинетиот Игор Дурловски, Еленко Миланов адвокат од С.

Бранителот на обвинетиот Младен Додевски, Гоце Ристески адвокат од С.

Бранителот на обвинетиот Јане Ченто, Донче Наков адвокат од адвокатско друштво „Наков и Бошков“ од Ш.

Бранителот на обвинетиот Горанче Анѓеловски, Драган Пешевски адвокат од С.

Бранителите на обвинетиот Игор Југ, Нинослав Јакимовски адвокат од К. и Сашо Јанев адвокат од С.

Бранителот на обвинетиот Влатко Трајковски, Биљана Стојановиќ адвокат од С., поставена по службена должност

Бранителот на обвинетиот Вилијам Михајловски, Нинослав Јакимовски адвокат од К.

Бранителите на обвинетиот Никола Митревски Кољо, Гоце Ристески, Петар Василев адвокати од С. и Јаким Наумов адвокат од адвокатско друштво „Наумов, Менкиноски и партнери“ од С.

Бранителот на обвинетиот Александар Василевски Нинџа, Звонко Давидовиќ од адвокатско друштво „Давидовиќ и Јанковиќ“ од С.

НАПОМЕНА: Обвинетите трошоците во износ од по 5.000,00 денари на име судски паушал да ги платат на сметка на судот и тоа на жиро сметка број 100000000063095, на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд С. 1, депонент НБРМ